# ПАТРИЈАРСИ
## И ПРОРОЦИ

*Битие*

Наслов на оригиналот:
**PATRIARCHS AND PROPHETS**
**by Ellen G. White**

**Превел:**
проф. Никола Тасевски

**Дизајн и форматирање:**
Лазар Томовски

**Издава:**
АИК „Знаци на времето“ - Скопје
ул. Влае бр. 42

**За издавачот:**
Михајло Гурев

**Печатено во:**
Аркус дизајн

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

279.13

ВАЈТ, Елена
Патријарси и пророци : битие / Елена Вајт ; [превел Никола Тасевски]. - 2. изд. - Скопје : Знаци на времето, 2017 : 704 стр. ; 21 см. - (Едиција Космички конфликт ; кн. 1)

Превод на делото: Patriarchs and prophets / by Ellen G. White. - Регистри

ISBN 978-9989-659-93-5

а) Адвентизам
COBISS.MK-ID 103807754

Елена Вајт

# ПАТРИЈАРСИ
## И ПРОРОЦИ
### *Битие*

Второ издание на македонски јазик

ЕДИЦИЈА „КОСМИЧКИ КОНФЛИКТ“

- КНИГА 1 -

# ПРЕДГОВОР

Почитуван читателе,

Во раце држите високо квалитетно духовно дело од познатиот американски автор, Елена Вајт - еден од најмногу преведуваните автори на сцената на светската преведувачка дејност воопшто. Го одбравме и го преведовме на македонски јазик ова неспоредливо дело на овој плоден адвентистички автор кој, со своите дваесет и шест објавени дела, во голема мера светското духовно богатство го зголемил со нови вредности од највисок ранг, со вредности со нови димензии какви што не се среќаваат во постбиблискиот период.

Несомнено, Адвентистичката издавачка куќа, „Знаци на времето", со овој превод ја збогати македонската духовна реч со уште едно извонредно значајно дело кое на читателот на македонското јазично подрачје му дава неповторлива можност изворно да се запознае со голем дел од библиските настани и со личностите кои учествувале во нив.

Пет капитални дела од споменатиот автор - „Патријарси и пророци", „Пророци и цареви", „Делата на апостолите", „Копнежот на вековите" и „Големата борба" (сите пет издадени на македонски јазик) - прават целост и сите заедно претставуваат незаменлив систематски коментар на Светото писмо. Очигледно е дека нивната своевидна содржина, по важност, нив ги реди веднаш зад Светото писмо или зад Божјата реч која се вика Библија. Споменатиот сет од пет капитални духовни дела се голем духовен телескоп кој на нашиот поглед му овозможува не само да ѕирне, туку и да проникне и во најголемите длабини на Библијата, телескоп кој ни овозможува да пливаме во огромниот океан на спасоносните библиски вистини што ни ги открил Бог во неа преку своите пророци и апостоли, духовно да се храниме и да се напојуваме со нив и да уживаме во нивната неспоредлива и ненадминлива вистинитост и убавина. Со други зборови, споменатиот сет од пет книги, заедно со оста-

натите дела на Елена Вајт, се светлина којашто ни ги расветлува сите катчиња на Библијата, изнесувајќи ни ја на показ изворната Божја наука што ја ставил Бог меѓу нејзините корици.

Непореклива историска вистина е дека Божјата реч или Библијата, била одземена од рацете на читателите и со векови, окована во тешки прангии и врзана во синџири, била изолирана, наполно потисната на страна и недостапна за народот. Во тој долг, многувековен временски период, нејзините вистини станале замаглени и заборавени. Нејзината изворна Божја наука е помешана, заматена и целосно заменета со човечки измислици и со црковни преданија и традиции, кои и денеска во христијанските цркви доминираат над Божјиот библиски извор кој точи чиста, вистинска Божја спасоносна наука и вистина. Изнесувајќи ја на виделина изворната библиска наука, петте споменати дела се најефикасно средство кое успешно ги разоткрива и ги отстранува јаловината и згурата на човечките измислици, преданија и трици, кои со векови се пластеле врз светите страници на Божјата реч и до крајни можни граници го загадиле нејзиниот извор. Денес, повеќе од кога и да е порано, нам ни е потребна Божјата реч онака како што ни ја дал Бог - чиста, изворна, без никакви погубни човечки и црковни примеси. При расчистувањето и отстранувањето на тие примеси од Божјата реч, како што кажавме, драгоцена помош ни даваат делата што веќе ги споменавне.

Секое од нив покрива определен временски или историски период од светата историја на Божјата реч, на Библијата. Оваа книга - „Патријарси и прорци“ - на фантастично убав начин, инспирирано и анимирано, ни ги прикажува настаните поврзани со зачетоците на гревот во срцето на најсилниот Божји ангел, Луцифер, продолжувајќи со неговиот бунт кој прераснал во отворен космички судир и војна, која се пренела на нашиот свет и која наскоро ќе заврши со целосна победа на Христа над сатаната и над неговиот пеколен изум, гревот, со неговите стравотии.

Чудесно убаво е опишано создавањето на нашиот свет, падот на нашите родители, Адам и Ева, во грев и страшните последици што произлегле од тоа. Вчудовидува извештајот за потопот, првата катаклизма што го снашла нашиот свет поради тоа што луѓето преку гуша потонале во грев, постигнувајќи го апсолутното дно на беззаконието и ја загубиле смислата на постоење како луѓе, што, според Христовите зборови, е повторена слика во нашите денови, непосредно пред скорашното второ Христово доаѓање.

Тука е и грандиозниот настан - ослободувањето на израелскиот народ од египетско ропство и неговиот премин низ Црвеното Море. Бог видливо ја покажува својата сила така што го разделува мо-

рето и на својот народ му прави сув пат низ море да премине на другата страна.

Секако, не може да се заобиколи ниту величествениот и свечен настан кога семоќниот Бог го почестил и на грешното човештво му подал рака така што го напуштил небото и слегол на нашата планета Земја, на планината Синај, и среде страшен оган и дим, кои се издигнувале до небото, среде силни татнежи на громови и молскавици, на својот народ му го објавил својот закон, десетте заповеди, кои ги напишал со свој прст на две камени плочи и му ги предал на Мојсеја, со заповед целото човештво да живее според нив, според десетте Божји заповеди.

Четириесет години Бог видливо е присутен среде својот народ во столб од оган кој се издигнувал од ковчегот во Светилиштето во кој биле сместени двете плочи со десетте Божји заповеди, напишани со Божји прст. Полни четириесет години Бог видливо води милионски народ низ Синајската пустина - дење го засолнува со облак од пустинските горештини, а ноќе го води со столб од оган низ синајските клисури и беспатици. Тие величествени сцени авторот во својата книга вдахновено ни ги анимира и прикажува така како да се одвиваат сега пред нашите очи, и толку интересно, што го пленат нашето внимание.

Библиските настани натаму, сè до бурната историја на Давида, се нанижани во импресивна низа и ние во нив гледаме како слабите грешни луѓе во борбата со гревот доживуваат падови и подеми, како со Божја помош стануваат вистински „голијати“, победници, чекорејќи напред по Божјиот пат кон вечен живот во Божјето царство.

Издавачот

1

# ЗОШТО БИЛО ДОЗВОЛЕНО ДА СЕ ПОЈАВИ ГРЕВ?

„Бог е љубов“ (1. Јованово послание 4,16). Љубовта е суштина на Божјето битие и негов закон. Така било секогаш и секогаш ќе биде така. „Севишниот и Возвишениот, кој владее вечно“ (Исаија 57,15), Оној, чиишто „патишта се вечни“ (Авакум 3,6), не се менува. Кај него „нема ниту промена, ниту траги од менување“ (Јаков 1,17).

Секоја пројава на моќта на Творецот е израз на бесконечната љубов. Божјето владеење содржи во себе изобилство благослови за сите создадени суштества. Псалмистот кажува:

*„Раката ти е моќна, дланката цврста,*
*А десницата ти е високо крената!*
*Основа на твојот трон се правдата и праведноста,*
*Пред тебе чекорат љубовта и вистината.*
*Среќни се луѓето кои го разбираат празничниот зов*
*И живеат во светлината на твојот лик, Господе!*
*На твоето име постојано му се радуваат,*
*И твојата правда ја величаат!*
*Зашто, ти си нивна правда и сила...*
*Да, Господ е наш штит,*
*Светецот Израелов е наш цар.“*

Псалм 89,13-18

Историјата на големата борба меѓу доброто и злото, уште од мигот кога таа првпат избувнала на небото, па сè до конечниот слом на бунтот и до целосното искоренување на гревот, исто така е очигледна пројава на Божјата љубов која не се менува.

34 Во својот добротворен потфат Господарот на вселената не бил сам. Тој имал Соработник кој можел правилно да ги сфати неговите намери и заедно со него да се радува затоа што создадените суштества се направени среќни. „Од почеток беше Речта и Речта беше кај Бога - Речта беше Бог. Таа од почеток беше кај Бога“ (Јо-

ван 1,1.2). Речта, единородниот Божји Син, Христос, бил едно со вечниот Отец - едно во суштината, во карактерот и во намерите - единствено Суштество кое можело да проникне во сите Божји совети и намери. „Името му е: 'Красен советник, Бог силен, Отец вечен, Кнез мироносен'" (Исаија 9,6). „Неговиот искон е од дамнина, од вечни времиња" (Михеј 5,2). А Божјиот Син, прикажан како „Реч", кажува за себе: „Мене Господ ме поседуваше на почетокот на своето творештво, уште од памтивека, пред неговите дела. Јас сум поставена уште од вечноста... Кога ѝ ги поставуваше темелите на земјата - јас бев со великиот Градител, на секој нов ден му се радував и непрекинато пред него танцував" (Мудри изреки Соломонови 8,22-30).

Отецот дејствувал преку Христа и кога ги создавал небесните суштества. „Бидејќи преку него е создадено сѐ што е на небесата и што е на земјата, видливо и невидливо; било престоли, било господства, било началства, било власти - сѐ е преку него и за него создадено" (Колошаните 1,16). Ангелите се Божји слуги од кои, додека летаат со своите крилја, брзајќи да ја извршат Божјата волја, одблеснува онаа светлина што постојано блескоти од неговото лице. Но поглавар над сите нив е Синот, Божјиот Помазаник, „кој е сјај од неговиот сјај и отпечаток на неговото битие", Оној „кој ја одржува вселената со својата сила" (Евреите 1,3). „Славниот престол, поставен од вечноста" (Еремија 17,12), бил место каде што престојувала неговата светост, а „палката на правдата" (Евреите 1,8) е скиптар на неговото царство. „Пред него е слава и величество, во неговото светилиште сила и сјај" (Псалм 96,6). „Пред тебе одат милост и вистина" (Псалм 89,14).

Бидејќи законот на љубовта е основа на Божјето владеење, среќата на сите разумни суштества зависи од нивната целосна согласност со неговите големи начела на правдата. Бог сака сите негови созданија да му служат од љубов - нивната служба да произлегува од нивната почит кон неговиот карактер. Нему не му е мила изнудена послушност и затоа на сите им дава слобода и право доброволно да му служат. 35

Сѐ додека сите создадени суштества живееле во преданост и љубов, во Божјата вселена владеела совршена хармонија. Небесните војски наоѓале радост во можноста да ги исполнуваат намерите на својот Творец. Тие биле среќни и восхитени што претставуваат одблесок на неговата слава и што можат да го слават и да го извишуваат него. Љубовта кон Бога за нив била најсвето чувство, а меѓусебната љубов природна и несебична. Ништо не ја нарушувало небесната хармонија. Но во тоа возвишено блаженство и среќа настанала промена. Се нашол еден кој ја злоупотребил слободата што

им ја дал Бог на сите свои созданија. Кај суштеството кое Бог, покрај Христа, најмногу го ценел и кое, покрај Него, било надарено со најголема сила и уживало најголема слава меѓу небесните жители, се зачнал грев. Луцифер, „ѕвездата Деница“, бил прв херувим засолнувач, свет и неизвалкан. Стоел во присуство на големиот Творец и блескотните зраци на славата што постојано го опкружуваат Бога се излевале и врз него. „Вака вели Господ Бог: ’Ти си печат на совршенство, полнота на мудроста и венец на убавината. Ти беше во Едем, во Божјата градина; твоите облеки беа украсени со секакви скапоцени камења... Ти беше помазан херувим за да осенува, и јас те поставив за тоа; ти беше на светата Божја гора, одеше среде огнени камења. Ти беше совршен на своите патишта, од денот кога беше создаден, па сè додека не се најде во тебе беззаконие’“ (Езекил 28,12-15).

Малку по малку Луцифер почнал самиот себеси да се извишува. Светите списи за тоа кажуваат: „Од твојата убавина се возгордеа твоето срце, поради твоето богатство си ја загуби својата мудрост...“ (Езекил 28,17). „А во своето срце си велеше... ’ќе го издигнам својот престол погоре од Божјите ѕвезди... ќе се изедначам со Севишниот’“ (Исаија 14,13.14). Иако сета слава на овој силен ангел била Божји дар, тој сепак неа почнал да ја смета за своја сопственост. Бидејќи не бил задоволен со својата положба, иако бил ценет повеќе од кој било припадник на небесните војски, тој се осмелил да жеднее за обожавањето што му припаѓа само на Творецот. Наместо да се труди сите создадени суштества да ги упатува на приврзаност и верност кон Бога и тоа да биде нивни највисок идеал, тој настојувал нивната служба и преданост да си ги присвои за себе. Копнеејќи дрчно за славата со која вечниот Отец го опкружил својот Син, овој ангелски кнез се стремел и кон власта која била првенствено Христово право.

Тогаш совршената хармонија на небото била нарушена. Склоноста на Луцифера, наместо на Бога да си служи себеси, разбудила
36 чувство на страв кај оние кои славењето на Бога го сметале за своја највисока должност. На небесниот совет ангелите расправале со Луцифера. Божјиот Син му укажувал на големината, добрината и праведноста на Творецот и на светата и непроменлива природа на неговиот закон. Небесниот поредок го поставил и го утврдил лично Бог; со отстапувањето од тој поредок Луцифер би го презрел својот Творец и самиот себе би се струполил во пропаст. Но опомената, упатена единствено од неискажлива љубов и милост, кај него уште повеќе предизвикала дух на противење. Луцифер дозволил со него наполно да завладеат љубомора и завист кон Христа и станувал сè поупорен.

Овој кнез на ангелите си поставил за цел на Божјиот Син да му го оспори правото на врховна власт и со тоа да ги побие доказите за мудроста и љубовта на Творецот. Тој имал намера таа цел да ја постигне по секоја цена и кон тоа ја насочил сета енергија на својот силен дух кој, по Христовиот, бил прв меѓу небесните жители. Но Оној, кој сака сите негови созданија да имаат своја слободна волја, не дозволил никој да биде збунет со лукавството со кое заводникот се обидел да го оправда бунтот. Пред да почне борбата, требало на сите да им се објасни што сака Оној чијашто мудрост и добрина се извор на сета нивна радост.

Царот на вселената ги собрал пред себе небесните војски пред нив да ја објасни вистинската положба на својот Син и да го покаже неговиот однос кон сите создадени суштества. Божјиот Син зазел место на престолот на Отецот и славата на Вечниот, Самопостоечкиот, ги окружувала двајцата. Околу престолот се собрале ангелите, непрегледно, безбројно мноштво - „десет илјади по десет илјади и илјада илјади“ (Откровение 5,11) - највозвишените ангели, како слуги и приврзаници, кои се радувале за светлината која се излевала од Божеството врз нив. Пред собраните небесни жители Царот изјавил дека никој, освен неговиот единороден Син, Христос, не може наполно да проникне во неговите намери и дека само нему му е дадено да ги извршува силните совети на волјата на Отецот. Божјиот Син ја извршувал волјата на Отецот при создавањето на сите небесни војски и само нему, покрај Бога, му припаѓа верност и приврзаничка преданост од сите. Својата божествена моќ Христос ја покажал и при создавањето на оваа земја и на нејзините жители. Но во сето тоа Тој не се стремел кон власт ниту им се противставувал на Божјите планови извишувајќи се себеси, туку ја возвишувал славата на Отецот, пренесувајќи ја неговата добрина и љубов.

Ангелите со радост ја признале Христовата врховна власт, се поклониле пред него и му укажале љубов и најголема почит. И *37* Луцифер се поклонил заедно со нив, но во неговото срце се водела, до тогаш невидена жестока борба. Вистината, правдата и преданоста се бореле против зависта и љубомората. Извесно време се чинело дека влијанието на светите ангели дејствува врз него. Додека се издигнувале пофални песни и слава во хармонични акорди на илјадници радосни гласови, се чинело како лошиот дух да исчезнал; неискажлива љубов длабоко го потресла неговото битие; сообразно со светите чувства на собраните, неговата душа се свртила кон љубовта на Отецот и Синот. Но повторно се возгордеал со својата сопствена слава. Копнежот за власт повторно оживеал и уште повеќе му завидувал на Христа. Високите почести што му биле укажувани на Луцифера тој не ги ценел како Божји дар, и тие кај

него не разбудиле благодарност кон Творецот. Тој се фалел со својата слава и со високата положба и настојувал да се изедначи со Бога. Небесните војски го сакале и му укажувале почит. Ангелите се радувале што можеле да ги извршуваат неговите наредби, зашто тој повеќе од сите бил надарен со мудрост и слава. Сепак, Божјиот Син бил над него како Оној кој, според силата и власта, бил еднаков со Отецот. Тој делел со Отецот сè и учествувал во сите негови советувања, додека на Луцифера не му било дозволено да биде упатен во сите Божји намери. „Зошто Христос да има највисока власт?“ - се прашувал овој силен ангел. „Зошто нему му се укажува поголема почест отколку на Луцифера?“

Напуштајќи го своето место во непосредна Божја близина, Луцифер отишол меѓу ангелите да шири незадоволство. Дејствувал тајно и извесно време ги криел своите вистински намери под маска на страхопочит кон Бога. Почнал да навестува сомневање во врска со законите што владеат со небесните суштества. Тврдел дека законите можеби им се потребни на жителите на световите, но на ангелите, како повисоки суштества, такви ограничувања не им се потребни, зашто нивната мудрост е доволна да ги води. Наводно, тие не се суштества што можат да го обесчестат Бога; сите нивни мисли се свети и затоа не можат да згрешат како и Бог што не може да згреши. Изедначувањето на Божјиот Син во честа со Отецот е прикажано како неправда кон Луцифера, кој исто така полагал право на почести и обожавање. Кога овој кнез на ангелите би ја добил својата вистинска висока положба, тоа - тврдел тој - би им донело голема среќа на сите ангелски војски, зашто тој на сите свои приврзаници би им дал полна слобода. А вака ќе ја загубат дури и онаа слобода што ја уживале до сега, зашто над нив е поставен еден апсолутен Господар и сите како заколнати приврзаници ќе мораат да го почитуваат неговиот авторитет. Така вешто и лукаво биле смислени измамите кои подлиот Луцифер бргу ги ширел во небесните дворови.

38 Меѓутоа, немало никаква измена во врска со Христовата положба и со неговиот авторитет. Зависта на Луцифера, погрешното претставување и барањата да се изедначи со Христа ја наметнале потребата да се објасни вистинската положба на Божјиот Син, што се видело уште од самиот почеток. Но многу ангели биле заслепени со измамите на сатаната.

Користејќи ја љубовта, преданоста и довербата што ги имале кон него и во него светите суштества додека се наоѓале под негово раководство, тој во нивните мисли вешто го всадувал своето незадоволство кое тие не го забележувале. Божјите намери Луцифер ги прикажувал во лажна светлина - конструирајќи и искривоколчу-

вајќи ги така за да предизвикаат револт и незадоволство. Вешто ги наведувал своите слушатели да ги изразат своите чувства; потоа тие изрази, секаде каде што можел да ги искористи за својата цел, ги повторувал како доказ дека ангелите не се наполно согласни со Божјето владеење. Тврдејќи дека целосно му е предан на Бога, упорно докажувал дека треба да се менува целиот поредок и небесните закони за да се зацврсти божественото владеење. Така, додека настојувал да предизвика противење кон Божјиот закон и своето незадоволство да го влее во мислите на ангелите што му биле потчинети, тој привидно се трудел да го отстрани незадоволството и нелојалноста на ангелите кон небесниот поредок. Додека тајно поттикнувал неслога и бунт, мошне лукаво настојувал однадвор да изгледа како да има единствена цел да се сочува преданоста кон Бога, хармонијата и мирот.

Духот на незадоволство, поттикнуван на ваков начин, го извршил своето злокобно дејство. Додека не избувнал отворен бунт, раздорот меѓу ангелите се ширел незабележано. Некои од нив ги одобрувале навестувањата на Луцифера насочени против Божјето владеење. Иако пред тоа живееле во потполна хармонија со поредокот што го воспоставил Бог, сега станале незадоволни и несреќни што не можат да проникнат во неговите недосегливи тајни; не биле задоволни со Божјата намера да го издигне Христа. Тие биле готови да се заложат и за второто барање на Луцифера - во авторитетот тој да се изедначи со Божјиот Син. Но оние ангели што останале предани и кои вистински се придржувале кон мудроста и праведноста на божествената одлука, се труделе овие несреќници повторно да ги свестат да ја прифатат Божјата волја. Христос бил Божји Син; Тој бил едно со Отецот пред воопшто да постојат ангели. Тој од секогаш стоел од десната страна на Отецот. Неговото првенство, 39
толку благословено за сите што биле под неговата благонаклона власт, никогаш до тогаш не било доведувано во прашање. Небесната хармонија никогаш не била нарушена; поради што сега треба да настане дисхармонија и неслога? Само ангелите што му останале предани на Господа можеле да ги согледаат ужасните последици што ќе произлезат од раздорот, и најсрдечно ги преколнувале и ги советувале незадоволниците да отстапат од своите намери и да му останат верни на Бога и лојални на неговото владеење.

Сообразно со божествениот карактер и со неговата голема милост, Бог имал долго трпение со Луцифера. Никогаш порано не бил познат дух на незадоволство и на нелојалност. Тоа било наполно нов елемент, непознат, таинствен, необјаснив. Од почеток Луцифер и сам не ја познавал вистинската природа на своите чувства; извесно време се плашел да ги обелодени своите мисли и

намери, па сепак не ги отфрлил. Тој не видел каде води неговиот пат. Меѓутоа, биле преземени сите чекори што можела да ги преземе само бесконечната Љубов со цел тој да се свести и да се одврати од својата заблуда. Се покажало дека за неговото незадоволство нема причина и дадена му е можност да увиди какви ќе бидат последиците од неговото упорно останување во бунт. Увидел дека „Господ е праведен на сите свои патишта и свет во сите свои дела“ (Псалм 145,17), дека божествените наредби се вистинити и дека како такви требало да ги признае пред целата вселена. Да постапил така, ќе можел да се спаси и себеси и многу ангели. Тогаш сè уште делумно му бил покорен на Бога. Иако веќе ја напуштил својата положба како херувим засолнувач, да се согласил да се врати кај Бога, да ја признае мудроста на Творецот и да се задоволи со местото што ќе му го одреди Бог во својот голем план, можел да биде повторно вратен во својата служба. Меѓутоа, настапило време за конечна одлука. Тој морал или повторно да ја прифати божествената суверена власт или да премине во отворен бунт. Речиси тој решил да се врати, но гордоста не му го дозволила тоа. Да признае дека бил во заблуда, дека неговите замисли биле погрешни, и да го прифати авторитетот што го прикажувал во толкава мера неправеден, тоа била премногу голема жртва за оној кој бил толку високо ценет.

Творецот, полн со сожалување и со нежна сомилост кон Луцифера и кон неговите приврзаници, настојувал да ги одврати од бездната на пропаста во која паѓале. Меѓутоа, неговата милост погрешно е толкувана. Долгото Божје трпение Луцифер го сметал за слабост и доказ за својата надмоќ. Тоа го толкувал како знак дека
40 Царот на вселената сепак би ги прифатил неговите барања. Кога ангелите цврсто би застанале на негова страна, тврдел Луцифер, тие еден ден би добиле сè што сакале. Упорно го бранел својот став и целосно се впуштил во голема битка против својот Творец. Така Луцифер „светлоносец“, учесник во Божјата слава и чувар на неговиот престол, со својот престап станал сатана „непријател“ и на Бога и на сите суштества, станал причина за пропаст на оние што Небото му ги доверило нему да ги води и да се грижи за нив.

Отфрлајќи ги со презир аргументите и сесрдните молби на ангелите што му останале предани на Бога, тој нив ги прогласил за прелагани робови. Издигнувањето на првенството на Христа го прогласил за акт на неправда и против себе и против сите небесни војски и изјавил дека во никој случај не може да прифати напад против своите и нивните права. Никогаш веќе не би ја признал повторно Христовата надмоќ. Решил да полага право на честа што треба да му се укажува и да ја преземе власта над сите што ќе станат негови приврзаници; на сите што сакаат да стапат во неговите

редови им ветил ново и подобро владеење, владеење во кое сите ќе уживаат целосна слобода. Голем број ангели се изјасниле дека го признаваат како свој водач. Поласкан од поддршката што му била укажана, се понадевал дека ќе ги придобие сите ангели на своја страна, ќе се изедначи со Бога и ќе завладее со сите небесни војски.

Ангелите што му останале предани на Господа сè уште го преколнувале заводникот и неговите истомисленици да му се потчинат на Бога и им ги изложиле неизбежните последици што можат да настанат: Оној кој ги создал може да ги совлада и да ја казни нивната бунтовна дрскост. Ниеден ангел не може успешно да го омаловажува Божјиот закон кој е свет исто колку и Бог. Ги предупредувале сите да ги затворат ушите пред измамничките причини на Луцифера и упорно го преколнувале и него и неговите следбеници без одлагање да се вратат кај Бога и да ја признаат својата заблуда во врска со Божјата мудрост и авторитет.

Мнозина биле наклонети да го послушаат овој совет, да се покаат за своето незадоволство и повторно да побараат милост и одобрение од Отецот и од неговиот Син. Меѓутоа, Луцифер бил готов за нова измама. Сега силниот бунтовник изјавил дека ангелите што се соединиле со него отишле премногу далеку за да можат да се вратат, дека тој добро го познава божествениот закон и знае дека Бог не би им простил. Изјавил дека сите што ќе го прифатат небесниот авторитет, ќе бидат лишени од својата чест и деградирани од својата положба. Што се однесува до него 41
лично, решил никогаш веќе да не го признае Христовиот авторитет. Според неговите зборови, единствен пат што му преостанува нему и на неговите следбеници е - да бараат слобода и со сила да ги остварат правата што не им се дадени доброволно.

Сатаната тогаш навистина веќе отишол премногу далеку за да може да се врати. Но не било така со оние што биле заслепени со неговите измами. За нив советите и сесрдното преколнување на верните ангели отвориле врата на надеж; и кога би послушале, тие би можеле да ја искинат мрежата на сатаната и да се ослободат. Но гордоста, љубовта кон нивниот водач и желбата за неограничена слобода надвладале, и конечно се одбиени молбите на божествената љубов и милост.

Бог дозволил сатаната да го продолжи своето дело сè додека незадоволството не прераснало во отворен бунт. Било потребно неговите планови во целост да се развијат за сите да можат да видат каква е нивната вистинска природа и каде тие водат. Како помазан херувим, Луцифер бил мошне истакнат. Небесните суштества многу го сакале и неговото влијание врз нив било мошне силно. Божјето владеење ги опфаќа не само небесните жители, туку и

жителите на сите светови што ги создал Тој; и сатаната решил, ако му успее да ги вовлече во бунт сите небесни ангели, тогаш - си мислел - ќе успее да ги повлече по себе и жителите на сите светови. Вешто го прикажувал ова прашање од свое гледиште, користејќи измамни заклучоци и ласкање за да си осигури успех. Неговата моќ на измама била мошне голема. Наметнувајќи се со плашт на лага, стекнувал предимства. Секоја своја постапка ја обвивал во таква таинственост, што дури и на ангелите им било тешко да го препознаат вистинскиот карактер на неговото дело. Сѐ додека не се развило во целост, неговото незадоволство не можело да се согледа како бунт и не изгледало толку лошо какво што всушност било. Дури ни ангелите, кои му останале предани на Бога, не можеле потполно да го препознаат неговиот карактер ниту да согледаат каде води неговото дело.

Од почеток Луцифер своите искушенија ги поставувал така што тој секогаш останувал неразоткриен. Ангелите што не можел да ги придобие потполно на своја страна, ги обвинувал за рамнодушност кон интересите на небесните суштества. Токму она дело што самиот го вршел, им го припишувал на оние ангели што му останале верни на Господа. Политиката му била проникната со вешто збунувачки аргументи во врска со Божјите намери. Сѐ што било сосема обично и едноставно, тој го обвивал во таинственост и со вешто изопачување фрлал сомневање и на најјасните искази на Јехова. А неговата висока положба, толку тесно поврзана со божественото владеење, на неговите настапи им давала уште поголема сила.

42 Бог можел да ги користи само оние средства што се во сообразност со вистината и правдата. Меѓутоа, сатаната можел да се служи со ласкање и со измама - што Бог никогаш не можел да користи такво нешто. Се обидел да ја фалсификува Божјата реч и лажно да го прикажува неговиот план на владеење; тврдел дека Бог е неправеден затоа што и на ангелите им наметнал закон и дека, барајќи потчинетост и покорност од своите созданија, Тој всушност само настојува да се издигне себеси. Затоа станало неопходно пред небесните жители и пред сите светови да се разјасни дека Божјето владеење е оправдано, а неговиот закон совршен. Сатаната создавал впечаток дека тој се залага за добро на целата вселена. Вистинскиот карактер на овој насилник, кој бесправно сакал да ја преземе власта, и неговата вистинска цел, морале на сите да им станат јасни. Нему морало да му се даде време со своите лоши дела сам да се разоткрие.

Одговорноста за неслогата што ја предизвикал на небото лично тој со своите постапки, сатаната му ја припишувал на Божјето владеење. Тврдел дека сите зла се само последица на божестве-

ното управување и дека негова цел е да ги поправи уредбите на Јехова. Затоа Бог дозволил тој да ја покаже вистинската природа на своите барања и да ги изнесе на виделина предложените промени во божествениот закон. Уште од почеток сатаната тврдел дека тој не е бунтовник. Од таа причина целата вселена мора да го види измамникот во неговата вистинска боја, разоткриен.

Во својата бесконечна мудрост, Бог не го уништил сатаната дури ни тогаш кога го фрлил од небото. Бидејќи на Бога му е угодна и прифатлива само онаа служба што се врши од љубов, преданоста на неговите созданија мора да се темели врз непоколеблива увереност во неговата праведност и добронамерност. Небесните жители и жителите на другите светови, неподготвени да ја сфатат природата и последиците на гревот, во тоа време не би можеле да ја забележат Божјата праведност во случај веднаш да го уништил сатаната. Кога сатаната би бил веднаш збришан, мнозина на Бога би му служеле повеќе од страв отколку од љубов. Влијанието на измамникот не би било уништено ниту духот на бунтот би бил целосно искоренет. За добро на целата вселена низ бесконечните времиња, било потребно тој поцелосно да ги развие своите начела, со цел обвинувањата против Божјето владеење да можат да се согледаат во нивната вистинска светлина и правдата и Божјата милост, како и непроменливоста на неговиот закон, засекогаш да останат надвор од секое сомневање.

Бунтот на сатаната треба на целата вселена да ѝ послужи како поука за сите времиња - да биде вечно сведоштво за природата на гревот и за неговите страшни последици. Резултатот на владеењето
на сатаната и последиците што ги имало тоа и врз луѓето и врз 43
ангелите, требало да покажат какви плодови мора да се очекуваат кога ќе се отфрли Божјиот авторитет. Требало да се покаже дека од постоењето на Божјето владеење зависи благосостојбата на сите суштества што ги создал Тој. Така историјата на овој страшен бунт, на сите свети суштества требало да им послужи како вечна заштита, спречувајќи ги да бидат наведени на ваков престап и чувајќи ги од гревот и од казната што ја носи тој.

Оној што владее на небесата е единствен што го гледа крајот уште од почеток - единствен на кого еднакво му се познати тајните од минатото и иднината, и единствен кој, од онаа страна на болката, на темнината и пропаста предизвикани со гревот, гледа како се исполнуваат неговите намери и како неговата љубов носи богата и благословена жетва. Иако „околу него се облаци и темнина, основа на престолот му се суд и правда“ (Псалм 97,2). И тоа жителите на вселената - и верните и неверните - еден ден ќе го сфатат. „Тој е карпа, делото му е совршено, зашто сите негови патишта се вистинити. Тој е Бог верен и без злоба, праведен и вистинит“ (5. Мојсеева 32,4).

2

# СОЗДАВАЊЕТО

*Оваа глава е заснована на 1. Мојсеева 1 и 2 глава*

„Со речта Господова небесата се создадени и со духот на неговата уста сета нивна војска.“ „Зашто тој рече - и сѐ настана, нареди - и светот се создаде“ (Псалм 33,6.9). Тој „ја постави земјата на цврсти основи: таа нема да се разниша никогаш“ (Псалм 104,5).

Кога земјата излегла од рацете на својот Творец, била совршено убава. Нејзината површина била украсена со гори, со ритчиња и рамнини, меѓу кои жубореле прекрасни реки и се простирале пријатни езера. Меѓутоа, ритчињата и горите не биле карпести ниту стрми и немале страшни забести провалии и ужасни понори, какви што има денеска. Страните на планинските венци биле прекриени со плодоносна почва на која насекаде буело зеленило и плодни растенија. Немало одвратни мочуришта и неплодни пустини. Каде и да се запрел погледот, прекрасни грмушки и милно цвеќе го пречекувале со поздрав. Височинките биле покриени со шуми чиишто стебла биле многу повеличествени од кој и да е вид дрво кое воопшто постои денеска. Воздухот бил чист и здрав и во него немало ниту траги од заразни испарувања. Севкупната слика на земјата надминувала по својата убавина секој, и најубаво уреден парк. Војските ангели со восхит ја посматрале оваа глетка и му се радувале на прекрасното Божје дело.

Кога била создадена земјата со сето изобилство на животинскиот и растителниот свет, на сцената е изведен човекот - круна на Божјето создавање, суштество на кое земјата со сиот свој сјај му била наменета. Нему му било дадено да биде господар над сѐ што можело да види човечкото око, зашто Господ рекол: „Да создадеме човек според нашиот образ и подобие, како што сме ние, кој ќе биде господар... над сета земја“. „И го создаде Бог човекот според својот образ, го создаде според Божјиот образ; ги создаде машко и женско“ (1. Мојсеева 1,26.27).

Овде јасно се гледа потеклото на човечкиот род, а божествениот извештај е составен така јасно, што не постои можност од него да се изведат погрешни заклучоци. Бог човекот го создал според својот лик. Тука нема никаква тајна. Нема основа за претпоставка 45
дека човекот настанал со постепен развиток од пониските облици на животинскиот и растителниот свет. Со тоа и такво учење се понижува големото дело на Творецот и се сведува на ниво на ограничените човечки и земни сфаќања. Луѓето мошне упорно настојуваат да го исклучат Бога од владеењето со вселената и го понижуваат човекот со тоа што лажно го прикажуваат неговото возвишено потекло. Оној што го распрострел ѕвезденото небо над нас, кој ги одржува световите во просторот и со својата префинета вештина го обоил полското цвеќе, кој небото и земјата ги исполнил со чудеса на својата моќ - кога дошол да го круниса своето прекрасно дело на создавањето, да постави некого да управува со прекрасната земја, не пропуштил да создаде суштество достојно за раката која му го подарила животот. Родословието на човечкото семејство, како што ни го дава божественото вдахновение, не води потекло од некои микроорганизми, лазачи и четириношци, туку од големиот Творец. Иако создаден од прав, Адам бил „Божји син“ (Лука 3,38).

Него Бог го поставил како свој претставник над суштествата од понизок ред. Овие суштества не биле во состојба да го сфатат или да го признаат Божјето владеачко достоинство, но сепак, дадена им е способност да го сакаат човекот и да му служат. Псалмистот кажува: „Си го поставил над делата на своите раце и сè си потчинил под неговите нозе... ѕверовите полски, птиците небесни и рибите морски, сè што се движи по морскиот пат“ (Псалм 8,6-8).

На човекот му било доделено да биде Божја слика и според надворешниот изглед и според карактерот. Единствено Христос е „сјај на славата“ (Евреите 1,3) на битието на Отецот, додека човекот е создаден според Божјиот лик. Неговата природа била во целосна хармонија со Божјата волја. Неговиот ум бил во состојба да го сфати она што е божествено. Склоностите му биле чисти; разумот владеел над неговите желби и страсти. Чувствувал среќа и светиња во тоа што на себе го носел Божјиот лик и што живеел во полна хармонија со неговата волја.

Кога излегол од рацете на својот Творец, Адам имал висока става и совршени размери. Лицето му било румено, оддавајќи здравје и озарено од светлина на живот и радост. Бил многу повисок од луѓето што живеат денеска на земјата. Ева била малку пониска, но сепак со величествена става и многу убава. Безгрешната брачна двојка немала на себе вештачка облека; тие биле намет-

нати со плашт на светлина и слава, со облека каква што носат и ангелите. Со таа облека на светлина биле облечени сè додека му биле послушни на Бога.

46 Кога е создаден Адам, секое живо суштество било изведено пред него за да добие име. Адам забележал дека на секое од нив му бил создаден и парник, „но за човекот не се најде помошник, сличен на него“. Меѓу сите суштества што ги создал Бог на земјата не се нашло ниту едно кое би било еднакво со човекот. „И рече Господ Бог: ’Не е добро за човекот да биде сам; да му создадеме помошник, сличен на него!’“ (1. Мојсеева 2,18). Човекот не е создаден да живее сам; тој требало да биде друштвено суштество. Без друштво сите прекрасни глетки и пријатното занимање во Едем не би можеле да му подарат потполна среќа. Дури ни разговорот со ангелите не би можел да го задоволи неговиот копнеж за сочувство, за љубов и дружење. Тогаш уште не постоело суштество од иста природа кое би можело да го сака и кое би можело да биде сакано.

На Адама лично Бог му дал животен сопатник. Му создал „помошник сличен на него“ - другар што му одговарал нему, суштество кое му прилегало и кое можело да биде соединето со него во љубовта и сочувството. Ева била создадена од едно ребро на Адама, што покажува дека таа не можела да владее над него како глава, а и да не биде подредена, газена под нозе, туку да стои крај него како рамноправна и да биде од него сакана и заштитувана. Како дел на човекот - коска од неговите коски и месо од неговото месо - таа требало да биде негово второ јас, а тоа покажува каква внатрешна врска и наклоност, полна со љубов, треба да постои во тој меѓусебен однос. „Зашто никој никогаш не го намразил своето тело, туку го храни и го стоплува“ (Ефесците 5,29). „Поради тоа човекот ќе го остави својот татко и својата мајка и ќе се придружи кон својата жена, та обајцата ќе бидат едно тело“ (Ефесците 5,31).

Првата венчавка ја извршил лично Бог. Затоа оваа установа потекнува од Творецот на вселената. „Бракот на сите треба да е чесен“ (Евреите 13,4). Тоа бил еден од првите дарови што му ги дал Бог на човекот, една од двете установи (бракот и саботата) која Адам, по паѓањето во грев, ја понел со себе и преку рајскиот праг. Ако во брачната врска се признаваат и се почитуваат божествените начела, тогаш бракот е благослов; тој ја чува чистотата и среќата на човечкиот род; ги задоволува човековите друштвени потреби и ја издигнува неговата телесна, интелектуална и морална природа.

„И насади Господ Бог рај во Едем, на исток, и таму го смести човекот што го создаде“ (1. Мојсеева 2,8). Сè што создал Бог било совршено убаво и се чинело дека не е изоставено ништо што би можело да придонесе за среќата на светата брачна двојка. Сепак,

Творецот им дал уште еден знак на својата љубов - им приготвил 47
прекрасна рајска градина која требало да биде нивно живеалиште, нивни дом. Тука имало најразновидни дрвја, со густо начичкани миризливи и за јадење мошне вкусни плодови. Најдражесно сепак изгледала прекрасната винова лоза, која растела простум како стебло, додека прачките ѝ се повивале под товарот на примамливите гроздови со најраскошни и разновидни бои. Адам и Ева имале пријатно занимање. Тие од прачките на виновата лоза обликувале живи сеници; така си правеле себеси живеалиште од живи дрвја покриени со лисја и плодови. Миризливи цвеќиња со раскошни бои насекаде имало во големо изобилство. Во средината на градината стоело посебно дрво, наречено „дрво на животот“, надминувајќи ги со својата слава и убавина сите други стебла. Неговите плодови биле слични на златни и сребрени јаболка и имале моќ да го продолжуваат животот во бесконечност.

Создавањето било завршено. „Така се доврши небото и земјата со сета своја војска.“ „И виде Бог дека е многу добро сѐ што беше создал“ (1. Мојсеева 2,1; 1,31). Едем цутел на земјата. На Адама и Ева им бил дозволен пристап кон дрвото на животот. На чистото дело на создавањето немало никаква сенка од грев или смрт. „Кога ликуваа утринските ѕвезди, и кога сите Божји синови извикуваа од радост“ (Книгата за Јов 38,7).

Големиот Јехова ги поставил темелите на земјата; цел свет го облекол во убавина и го наполнил со сѐ што е полезно за човекот; Тој ги создал сите чуда на копното и морето. Големото дело, создавањето, е завршено за шест дена. „И ги заврши Бог до седмиот ден своите дела што ги создаде, и си почина во седмиот ден од сите свои дела што ги создаде. И го благослови Бог седмиот ден и го освети, зашто во тој ден си почина од сите свои дела што ги создаде“ (1. Мојсеева 2,2.3). Бог со задоволство го посматрал делото на своите раце. Сѐ било совршено, достојно за својот божествен Творец; и Тој се одморал, не затоа што бил уморен, туку затоа што наоѓал задоволство во плодовите на својата мудрост и добрина и во покажувањето на својата слава.

Бидејќи во седмиот ден се одморал, Бог тој ден го посветил и го изделил од другите денови како ден за одмор и за луѓето. Следејќи го примерот на својот Творец, човекот треба да се одмора во тој свет ден, со цел - посматрајќи ги небото и земјата - да може да размислува за големото Божје дело на создавањето и - додека ги посматра доказите за неговата мудрост и добрина - срцето да му биде исполнето со љубов и со страхопочит кон својот Творец.

Благословувајќи го седмиот ден, Бог уште во Едем поставил 48
спомен на своето дело на создавањето. Саботата му била преда-

дена на Адама, на таткото и претставникот на целото човечко семејство. Со празнувањето на саботата, сите жители на земјата би требало да покажат благодарност кон Бога и да признаат дека Тој е нивни законит владетел, а тие дело на неговите раце и негови приврзаници. Оваа установа, како посебен празник на сеќавање и спомен, му е дадена на целото човештво. Во неа нема ништо што би претставувало сенка, ниту пак нешто што би се ограничувало само на еден народ.

Бог видел дека саботата била битна за човекот, дури и тогаш додека уште се наоѓал во рајот. Му било потребно еден ден во седмицата да ги остави сите свои интереси и стремежи за да може целосно да се посвети на посматрање на Божјите дела и на размислување за неговата моќ и добрина. Му била потребна саботата за што повпечатливо да го потсетува на Бога и кај него да буди благодарност кон Оној од чиишто благотворни раце доаѓало сè што имал и што го радувало.

Божја намера е саботата да ги насочи мислите на човекот кон посматрање на неговите дела. Природата му зборува на неговиот разум дека постои еден жив Бог кој создал сè и кој владее со сè што постои. „Небесата ја искажуваат Божјата слава, сводот небесен ги објавува неговите дела. Ден на денот му ги раскажува, ноќ на ноќта ѝ ги пренесува“ (Псалм 19,1.2). Убавината што ја краси земјата е знак на Божјата љубов. Неа ја гледаме на планинските висови што стојат од искон, на милните дрвја што се издигнуваат кон небото, во јадрите пупки и во миризливото цвеќе. Сето тоа ни зборува за Бога. Саботата, која без престан го упатува човекот на Оној кој создал сè, му налага да ја отвори големата книга на природата и во неа да ги следи трагите на мудроста, на моќта и љубовта на Творецот.

Нашите прародители, иако создадени невини и свети, не биле лишени од можноста да згрешат. Бог им дал слободна волја и ги создал како суштества способни да ја ценат мудроста и благонаклоноста на неговиот карактер и правичноста на неговите барања и наполно слободно да одлучуваат дали ќе му бидат послушни или не. Имале среќа да разговараат со Бога и со светите ангели, но пред нивната сигурност да може да се смета за овековечена, требало да се провери нивната верност. Уште од почеток на човековото постоење, требало да се заузди склоноста кон попуштање себеси, таа судбоносна силна склоност која била основна причина и за падот
49 на сатаната. Дрвото на сознанието што се наоѓало во средината на градината, недалеку од дрвото на животот, било одредено да ја провери послушноста, љубовта и верата на нашите прародители. Под закана на смртна казна им било забрането да вкусат плод од тоа

дрво, додека плодови од секое друго дрво можеле да јадат слободно. Исто така морале да бидат изложени на искушение што ќе им го наметне сатаната; меѓутоа, кога би му одолеале на искушението, конечно би биле оттргнати од неговата моќ и вечно би се радувале уживајќи ја Божјата милост и наклоност.

Бог на човекот му поставил закон како неизбежен услов за неговото постоење. Тој бил привrзаник на Божјето владеење, а без закон не може да постои ниту една влада ниту каква било власт. Бог можел човекот да го создаде така што да не може да го прекрши неговиот закон; Тој можел да ја задржи раката на Адама да не го допре забранетиот плод, но во тој случај човекот не би имал слободна волја, не би бил слободно морално суштество, туку само послушна машина. Без слобода на избор, неговата послушност не би била доброволна, туку присилна. Тој не би можел слободно да го развива својот карактер, што би било противно на планот според кој Бог постапувал со жителите на другите светови. Тоа не би било достојно за човекот како разумно суштество и би одело во прилог на обвинувањето на сатаната дека Божјето владеење всушност е самоволна тиранија.

Бог човекот го создал добар; му всадил благородни црти во карактерот, без наклоност кон зло. Го надарил со високи способности на разумот и пред него ставил сè што го поттикнувало цврсто да се придржува кон својата преданост спрема него. Услов за вечно блаженство и среќа бил постојана и целосна послушност. Под тие услови му бил обезбеден пристап кон дрвото на животот.

Едем како дом на нашите прародители требало да биде мустра за сите други домови на нивните потомци кога ќе се рашират населувајќи ја земјата. Тој дом, украсен со раката на Творецот, не бил некоја раскошна палата. Луѓето во својата гордост уживаат во величествени и скапоцени градби и се восхитуваат со делата на своите раце. Меѓутоа, првиот човек Бог го настанил во градина. Тоа бил негов дом, негов стан. Синото небо му било покрив во вид на купола, а земјата, прекриена со нежно цвеќе и со наметка од живо зеленило, претставувала под; заштита над главата сочинувале лисните гранки на прекрасните дрвја, а ѕидовите на неговото живеалиште биле прекриени со највеличествен украс - со делата на рацете на големиот Уметник. Сè што ја опкружувало светата брачна двојка претставувало наука за сите времиња - дека вистинската среќа не лежи во задоволувањето на гордоста, во изобилството и раскошот, туку во одржувањето на заедница со Бога преку неговите совршено создадени дела. Кога луѓето помалку внимание би им обрнувале на вештачките творби, а повеќе би негувале едноставност, многу повеќе би одговарале на онаа цел 50

што ја имал Бог кога го создал човекот. Гордоста и славољубието никогаш не можат да се задоволат, но оние луѓе кои вистински се мудри, ќе најдат вистинско задоволство, задоволство што облагородува и издигнува, на изворот на радоста што му го ставил Бог при рака на секој човек.

На жителите на Едем им била дадена задача да се грижат за градината, да ја обработуваат и да ја чуваат. Нивната работа не била заморна, туку пријатна и освежувачка. Работата Бог ја определил за човекот, и таа за него претставува вистинска благодат: го занимава, му ги проникнува мислите, го засилува телото и ги развива способностите. Во духовната и во телесната работа Адам наоѓал едно од најголемите задоволства на својот свет живот. И кога, поради непослушноста, бил истеран од својот прекрасен дом и кога бил присилен макотрпно да се бори со ќудливото земјиште за својот насушен леб, токму таа работа, иако во голема мера поинаква од пријатното занимање во Едем, му била заштита од искушението и извор на среќа. Во голема заблуда се оние кои работата ја сметаат за проклетство, па макар таа да е заморна и тешка. Богатите често со презир ја гледаат работничката класа. Меѓутоа, таквото однесување е наполно спротивно на намерата што ја имал Бог кога го создал човекот. Што се имотите на најголемите богаташи во споредба со наследството дадено на возвишениот Адам? Па сепак, Адам не го поминувал животот во безделничење. Премудриот Творец, кој најдобро знае што ја зголемува среќата на човекот, му определил на Адама што треба да прави. Само работливите мажи и жени наоѓаат вистинска животна радост. Ангелите се вредни работници; тие му служат на Бога заштитувајќи ги луѓето. Творецот не предвидел место за оние што се мрзливи и неработници.

Сè додека му биле предани на Бога, Адам и Ева имале власт над сета земја. Без исклучок им се покорувало сè што живее на земјата. Лавот и јагнето мирно си се играле крај нив, или заедно би лежеле крај нивните нозе. Птиците среќни мавтале со своите крилја околу нив без никаков страв; а кога нивните радосни песнички се издигнувале во слава на Творецот, Адам и Ева им се придружувале оддавајќи им благодарност на Отецот и Синот.

За светата брачна двојка Бог се грижел не само како татко, туку и како учител, и тие, како ученици, примале поуки од сезнајниот Творец. Нив ги посетувале ангелите и уживале право да разговараат со својот Творец без никаква темна пречка што би ги одделувала од него. Биле исполнети со сила што ја дава дрвото на животот, а нивната моќ на сфаќање била само малку помалечка од
51 ангелската. Тајните на видливата вселена - „чудесата на Оној кој е совршен во секое знаење“ (За Јов 37,16) - за нив претставувале

неисцрпен извор на поуки и уживање. Бесконечно недосегливиот Градител и Творец на сè, Оној кој сето тоа постојано го одржува, му ги откривал на нивниот ум законите и појавите во природата кои веќе шест илјади години го интересираат човекот и будат кај него истражувачки стремежи. Се запознавале со законите на листот, на цветот и дрвото, и проникнувале во тајните на сè што е живо. Адам познавал сè живо, од огромниот левијатан - морско чудовиште што се игра во брановите - па до најситниот инсект што трепери на сончевиот зрак. На секое од нив тој им дал име и на сите им ја познавал природата и навиките. Божјата слава на небесниот свод, безбројните светови во нивното непогрешно кружење, „како висат облаците“ (За Јов 37,16), тајните на светлината и на звукот, на денот и ноќта - сето тоа им било достапно за проучување на нашите прародители. На секој лист во шумата и на секој камен во планината, на секоја блескотна ѕвезда, на земјата, во воздухот и на небесниот свод, за нив било напишано Божјето име. Поредокот и хармонијата на сè што е создадено им зборувале за бесконечната мудрост и сила. Постојано откривале некоја нова привлечност која срцето би им ја исполнила со уште подлабока љубов и би предизвикала нови изливи на благодарност.

Сè додека се придржувале кон Божјите закони, нивната способност на сфаќање, способноста да се радуваат и да сакаат, постојано се зголемувала. Кога би останале верни, тие постојано би пронаоѓале нови ризници на сознанија, нови извори на среќа и сè појасна и појасна претстава за неизмерната и неисцрпна Божја љубов.

3

# ИСКУШЕНИЕ И ПАД

*Оваа глава е заснована на 1. Мојсеева 3 глава*

Кога на сатаната не му било веќе дозволено да поттикнува и да шири бунт на небото, тој нашол ново поле за своето непријателство против Бога. Почнал да планира како да го упропасти човечкиот род. Во среќата и мирот на светата брачна двојка во Едем го видел она блаженство кое самиот тој засекогаш го загубил. Гонет од зависта, решил да ги наведе на непослушност и на тој начин да ги изложи на казната што ја носи со себе сторениот грев. Цел му била нивната љубов да ја претвори во недоверба, а нивните песни на благодарност во поплаки и мрморење против нивниот Творец. Со тоа овие невини суштества не само што ќе бидат турнати во истата несреќа и беда во која и самиот се наоѓал, туку би го обесчестил и Бога и би му нанел болка на целото небо.

На нашите прародители им било обрнато внимание на опасноста што им се закaнува. Небесните весници им ја откриле историјата на падот на сатаната и неговите намери да ги уништи. Освен тоа, јасно им ја прикажале природата на Божјето владеење кое кнезот на злото се обидел да го собори. Сатаната и неговите приврзаници паднале токму поради непослушноста кон Божјите праведни барања. Затоа било неопходно Адам и Ева да го почитуваат овој закон кој претставувал единствена заштита на поредокот и правдата.

Божјиот закон е свет исто толку колку и Бог што е свет. Тој ја открива неговата волја и претставува препис на неговиот карактер - израз на божествената љубов и мудрост. Хармонијата на сѐ што е создадено зависи од совршеното потчинување на сите суштества, на сѐ што живее, и на мртвата природа, на непроменливите закони на Творецот. Бог поставил закони според кои треба да се управуваат не само живите суштества, туку и сите појави во природата. Сѐ е потчинето на одредени закони кои не можат да се пренебрегнуваат. Меѓутоа, додека во природата сѐ е потчинето само на природните закони, единствено човекот, меѓу сите созда-

нија на земјата, е одговорен и пред моралниот закон. На човекот, како круна на сè што е создадено, Бог му дал разум и моќ да ги сфати неговите барања, неговата праведност и благотворноста на неговиот закон и на неговите свети прописи; и од човекот бара непоколеблива послушност.

Жителите на Едем, како и ангелите пред нив, биле ставени на 53
проверка; среќата што им ја дал Бог можеле да ја сочуваат само под услов на целосна верност кон законот на Творецот. Можеле да слушаат и да живеат, или да бидат непослушни и да пропаднат. Бог им дал можност да бидат добитници на богати благослови; но, ако ја занемарат неговата волја, Оној, кој не ги штеди дури ни ангелите кога ќе згрешат, нема ниту нив да ги поштеди; со престапот би го загубиле правото на неговите дарови и би навлекле на себе беда и пропаст.

Ангелите ги предупредиле да се пазат од лукавството на сатаната, зашто тој неуморно ќе настојува да им постави стапица и да ги совлада. Сè додека ќе му бидат послушни на Бога, нема да им се случи никакво зло, зашто, ако притреба, сите небесни ангели ќе бидат пратени да им помогнат. Ако решително го одбијат неговото прво навестување, ќе можат да бидат сигурни исто толку колку и небесните весници. Меѓутоа, ако само еднаш му подлегнат на искушението, нивната природа во толкава мера ќе се изопачи, што не ќе најдат веќе во себе ниту сила ниту волја да му се противстават.

Дрвото на сознанието било одредено да послужи како средство за испитување и за проверка на нивната послушност и љубов кон Бога. Господ нашол за добро да им постави само една единствена забрана, бидејќи сè друго во градината им стоело слободно на располагање; но, ако ја прекршат неговата волја и во тоа единствено ограничување, ќе паднат во престап. На сатаната не му било дозволено насекаде и постојано да ги лови со свои искушенија; пристап кон нив му бил овозможен само кај забранетото дрво. Ако се обидуваат да загледуваат во неговата природа, ќе се изложат на лукавите напади на сатаната. Биле предупредени будно да внимаваат на опомената што им ја дал Бог и да се задоволат со неговата поука.

За да го изврши своето дело незабележано, сатаната решил како свој медиум да ја искористи змијата - која за неговите измамнички намери била одлична маска. Змијата во тоа време била едно од најмудрите и најубавите созданија на земјата. Имала крилја, и додека летала низ воздухот, одблеснувала засенувачки сјај, бидејќи имала бои кои на сонцето се прелевале како измазнето злато. Се одморала во богато начичканите гранки на забранетото дрво и се насладувала со неговите вкусни плодови; тоа била сцена што го

плени вниманието и го восхитува погледот на посматрачот. Така измамникот се вовлекол во градината на мирот и тука, демнејќи, ја чекал својата жртва.

Ангелите ја предупредиле Ева да внимава - додека ги извршува
своите секојдневни работи во градината во никој случај да не се
изделува од својот маж; наоѓајќи се крај него, ќе биде помалку
54 изложена на опасност од искушение одошто кога е сама. Меѓутоа,
задлабочувајќи се во толкава мера во своето пријатно занимање,
таа несвесно се изделила од него. Опасноста ја сфатила дури тогаш кога забележала дека е сама, но го потиснала стравот, уверувајќи се самата себеси дека е доволно мудра и силна да распознае што е зло и да му се противстави. Не обѕирајќи се на предупредувањето што го добила од ангелите, набргу се нашла пред забранетото дрво посматрајќи го без здив, восхитена и љубопитна. Плодовите биле мошне убави и таа се прашувала зошто Бог им забранил да ги јадат. За искушувачот тоа бил вистински миг. Како да ги читал нејзините мисли, ѝ се обратил со прашањето: „Вистина ли е дека Бог кажал да не јадете од секое дрво во градината?“ Ева изненадена се сепнала бидејќи ѝ се сторило како да слуша одглас од своите сопствени мисли. Но змијата продолжила со мелодичен глас, лукаво фалејќи ја нејзината извонредна милност; а тие зборови упатени до Ева не звучеле непријатно. Наместо да побегне од тоа место, таа се колебала чудејќи се како змијата може да зборува. Кога би ѝ се обратило некое суштество слично на ангел, таа би се исплашила; но вака таа и не помислувала дека волшебната змија би можела да биде медиум (посредник) на паднатиот непријател.

На лукаво поставеното прашање од страна на искушувачот, таа одговорила: „Ние јадеме род од секое дрво во рајот; само од родот на она дрво среде рајот - рече Бог - не јадете и не допирајте се до него за да не умрете. Тогаш змијата ѝ рече на жената: ’Не, вие нема да умрете! Бог знае оти оној ден, кога ќе вкусите од него, ќе ви се отворат очите, па ќе станете како богови и ќе знаете што е добро, а што зло‘“ (1. Мојсеева 3,2-5).

Јадејќи плод од тоа дрво, рекла змијата, тие ќе постигнат повисок степен на развој и ќе навлезат во пошироко поле на сознанија. И самата таа (змијата), наводно, јадејќи плод од забранетото дрво, се здобила со моќ да зборува. Потоа навестила дека Бог љубоморно настојува да ги спречи во тоа, плашејќи се да не се изедначат со него во возвишеноста и дека вкусувањето на овој плод, или дури и само допирот со него, им ги забранил токму заради неговото чудно својство кое дава мудрост и сила. Заводникот нагласил дека Божјата опомена нема да се овистини, зашто, наводно, таа е пресметана само на тоа да ги заплаши. Зар е можно тие да умрат? Зар

тие не јаделе плод од дрвото на животот? Бог сака да ги спречи да не постигнат повисок и поблагороден степен на развој и да не станат посреќни.

Така постапува сатаната уште од деновите на Адама сè до денеска, и тоа со голем успех. Тој ги наведувал луѓето да губат доверба во Божјата љубов и да се сомневаат во неговата мудрост. Тој постојано се труди да поттикне дух на недозволено љубопитство, 55
дух на неспокој и копнеж кон проникнување во тајната на Божјата мудрост и сила. Во своите напори да го дознаат и она што Бог им го скусил, илјадници луѓе не ги забележуваат оние вистини што се битни за нивното спасение. Сатаната ги наведува луѓето на непослушност кон Бога, мамејќи ги да веруваат дека, наводно, откриле чудесна област на сознание. Но сето тоа било само измама. Опиени со идејата за напредок, тие ги пречекориле границите што им ги определил Бог и стапиле на патека што води во пропаст и смрт.

Престапот на Божјиот закон сатаната на брачната двојка ѝ го прикажал така како тој на човекот да му носи благослов и среќа. Зар не слушаме и денеска слични измамливи заклучоци? Мнозина зборуваат за ограниченост на оние што им се покоруваат на Божјите заповеди, додека за себе тврдат дека имаат многу пошироки погледи и уживаат значително поголема слобода. Тоа всушност не е ништо друго освен одглас на зборовите на искушувачот изговорени уште во Едем. „Оној ден, кога ќе вкусите од него“ - кога ќе ја престапите Божјата заповед - „ќе станете како богови“. Сатаната тврдел дека земањето на забранетиот плод нему му донело многу добра, но фактот дека поради престапот бил фрлен од небото не сакал да го истакне. Иако лично искусил дека гревот носи ненадоместлива загуба, сепак ја прикривал сопствената беда со цел и другите да ги вовлече во иста состојба. Исто така и денеска престапникот настојува да го прикрие својот вистински карактер; тој може да тврди дека е свет, но токму тоа возвишено исповедање го прави уште поопасен заводник. Газејќи го Божјиот закон, тој се става на страна на сатаната, наведувајќи и други да постапуваат на ист начин, на своја вечна пропаст.

Ева навистина им поверувала на зборовите на сатаната, но тоа не ја спасило од казната за сторениот грев. Таа не им верувала на Божјите зборови, и тука бил почетокот на нејзиниот пад. На судот луѓето нема да бидат судени затоа што верувале во некоја лага, туку затоа што не верувале во вистината, зашто ја пропуштиле можноста да се осведочат што е вистина. Без оглед на лукавството на сатаната и на неговата подготвеност да противречи, останува засекогаш фактот дека луѓето се одговорни затоа што не го слушаат Бога. Ние со сето срце мораме да настојуваме да дозна-

еме што е вистина. Сè што Бог дал да се запише на страниците на неговата света Реч е наменето за наша наука и опомена за да не бидеме прелагани. Ако го занемариме тоа, ќе се упропастиме самите себеси. За сè што доаѓа во судир со Божјата реч, можеме да бидеме сигурни дека потекнува од сатаната.

56 Змијата скинала плод од забранетото дрво и го ставила во рацете на Ева која уште се колебала. Потоа ја потсетила на зборовите од Божјата забрана што самата пред малку ги изговорила: „Не гибајте во него за да не умрете“. Меѓутоа, како што не умрела кога го пофатила плодот, рекла змијата, така нема ништо да ѝ наштети ниту ако го вкуси. Кога видела дека она што го сторила не ѝ донело никакви лоши последици, Ева се окуражила. А потоа, „гледајќи дека плодот на дрвото е добар за јадење и убав за гледање и дека е мошне привлечен за знаење, скина плод од него и вкуси“. Плодот имал мошне пријатен вкус и, додека го јадела, ѝ се чинело дека чувствува некаква животворна сила, воображувајќи дека преминува во некој повисок степен на животот. Кинела плодови и јадела без страв, а потоа, откако самата згрешила, станала орудие во рацете на сатаната да го упропасти и својот маж. Во состојба на необична и неприродна возбуда, со полни раце со забранети плодови, го побарала и му раскажала сè што се случило.

На лицето на Адама се појавил израз на тага. Изгледал изненаден и збунет. Кога ги слушнал зборовите на Ева, тој кажал дека тоа веројатно бил непријателот, од кој, според даденото предупредување, толку многу требало да се пазат, и дека таа, според она што го кажал Бог, мора да умре. Но таа го навалила него и тој да јаде, повторувајќи ги зборовите на змијата дека не е вистина оти ќе умрат. Докажувала дека тоа што го кажува змијата мора да е вистина, бидејќи таа на себе не чувствува никакви траги од Божја казна. Напротив, таа вообразила дека се чувствува прекрасно и освежувачко, како секоја нејзина способност да ја проникнува нов живот, веројатно како што се чувствуваат инспирираните небесни весници.

Адам сфатил дека Ева, пречекорувајќи ја единствената забрана што била поставена за да се испита нивната верност и љубов кон Бога, ја престапила неговата заповед. Во неговата душа се водела ужасна борба. Очајувал што ѝ дозволил на Ева да се одвои од него и да остане сама. Но сега делото веќе било сторено; тој мора да се одвои од својот животен сопатник во чиешто друштво наоѓал своја радост. Како да се помири со тоа? Адам се радувал што може да разговара со Бога и со светите ангели. Тој ја посматрал славата на Творецот и ја сфатил возвишената задача што му била наменета на човечкиот род ако му остане верен на Бога. Сепак, сите

благослови ги загубил од вид, плашејќи се дека ќе го загуби дарот кој во неговите очи надминувал сè друго. Љубовта, благодарноста и преданоста кон Творецот - сето тоа било потиснато од љубовта кон Ева. Таа била дел од неговото битие и не можел да ја поднесе мислата да се раздели од неа. Не сфатил дека таа иста бесконечна Сила, која го создала од прав, која му подарила живот и толку чудесен изглед, па во својата љубов му дала и придружничка, може, наместо оваа, да му даде друга. Решил да ја дели нејзината судбина; ако таа мора да умре, ќе умре и тој со неа. А најпосле, мислел тој, не ли можеби сепак е вистина она што го кажува лукавата змија? *57*
Пред него стоела Ева, убава и - надворешно гледано - исто онаква каква што била и пред да згреши. Таа кон него покажувала љубов повеќе отколку до тогаш. На неа не можело да се забележи никаков знак на смрт, и тој решил да не мисли на последиците. Го грабнал плодот и бргу го изел.

Откако згрешил, и на Адама му се сторило како да преминал во повисоки сфери на постоење. Но помислата дека згрешил набргу го исполнила со ужасен страв. Воздухот, кој до тогаш бил толку благ и со постојана температура, сега на грешната брачна двојка им се чинел остар и грозно студен. Исчезнала нивната дотогашна љубов и мир, а наместо тоа се појавило чувство на вина, страв од иднината и свест за голотијата на душата. Исчезнала и светлосната облека со која до тогаш биле препашани, па морале да се потрудат, наместо неа, да си „направат себеси скутници", зашто не можеле необлечени да излезат пред Бога и пред светите ангели.

Сега почнале да го увидуваат вистинскиот карактер и тежината на својот грев. Адам ја прекорувал Ева што непромислено се одвоила од него и дозволила змијата да ја прелаже; меѓутоа, обајцата си ласкале себеси дека Оној, кој им дал толку докази за својата љубов, ќе им го прости тој единствен прекршок или барем дека нема да бидат толку страшно казнети, како што очекувале.

Сатаната ликувал поради својот успех. Тој ја навел жената да ја загуби довербата во Божјата љубов, да се посомнева во неговата мудрост и да го престапи неговиот закон, а преку

Сатаната ликувал поради својот успех. Тој ја навел жената да ја загуби довербата во Божјата љубов, да се посомнева во неговата мудрост и да го престапи неговиот закон, а преку неа го кутнал и Адама.

Меѓутоа, големиот Законодавец решил Адама и Ева да ги соочи со последиците на нивниот прекршок. Божественото присуство се покажало во градината. Додека биле невини и свети, секогаш со радост и со добредојде го поздравувале доаѓањето на својот Творец, но сега се уплашиле и го побарале најзафрленото катче

во градината за да се скријат. Но „Господ Бог го викна Адама и му рече: ’Адаме каде си?’ А тој одговори: ’Го чув твојот глас во рајот кога врвеше, па се уплашив, оти сум гол, и се скрив.’ А Господ рече: ’Кој ти кажа дека си гол? Да не си јадел од она дрво, од кое ти забранив да јадеш?’“ (1. Мојсеева 3,9-11).

Адам не можел својот грев ниту да го побие ниту да го оправда. Меѓутоа, наместо да покаже дека се кае, се обидел кривицата да ја префрли врз својата жена, а со тоа и врз Бога. „Жената што ја
58 здружи со мене, таа ми даде од дрвото, та јадев.“ Тој, кој од љубов кон Ева доброволно решил да ја жртвува Божјата наклоност кон себе, сега, по својот пад, одговорноста за својот прекршок и за својата опстановка во рајот и за вечниот живот се обидува да ја префрли врз жената, па дури и врз Творецот. Толку е страшна моќта на гревот!

Кога жената била прашана: „Зошто го стори тоа?“ - таа одговорила: „Змијата ме прелага, та јадев.“ Во нејзиното оправдување поради сторениот грев во исто време се наоѓале и прашања: „Зошто си ја создал змијата? Зошто си дозволил да влезе во Едем?“ Така таа, како и Адам, одговорноста за својот пад му ја припишувала на Бога. Духот на самооправдување води потекло од таткото на лагата; нашите прародители подлегнале во тоа веќе во мигот кога дозволиле да бидат изложени на влијанието на сатаната, и тоа го покажуваат сите Адамови синови и ќерки. Наместо понизно да го признаат својот грев, тие се обидуваат да се оправдаат, пренесувајќи ја одговорноста врз друг, врз околностите или врз Бога - при што дури и неговите благослови ги користат како повод да се плачат против него.

Тогаш Господ изрекол пресуда над змијата: „Затоа што си го направила тоа, проклета да си меѓу сите животни и сите ѕверови полски; помешечки ќе се влечеш и прав ќе јадеш сè до крајот на својот живот.“ Змијата морала да ја снајде казна, божествен суд, затоа што му послужила на станата како посредник. Од најубаво создание, на кое повеќе од „сите полски ѕверови“ му се восхитувале сите, требало да стане најзамразена и најпрезрена од сè што е живо - од неа да се плашат и да ја мразат и луѓето и животните. Зборовите што потоа ѝ се упатени на змијата се однесуваат непосредно на сатаната и укажуваат на неговиот конечен пораз и уништување: „И ставам непријателство меѓу тебе и жената, и меѓу твојот родот и нејзиниот род. Тој ќе ти ја гази главата, а ти ќе го каснуваш во петата“ (1. Мојсеева 3,15).

На Ева ѝ се предочени неволјите и болките што од сега мора да бидат нејзина судбина. „А на жената ѝ рече: ’Ќе ти ги умножам и преумножам маките кога си бремена; со болка ќе раѓаш деца,

и ќе бидеш под власт на својот маж, и тој ќе ти биде господар!'" (1. Мојсеева 3,16). При создавањето Бог Ева ја изедначил со Адама. Да му останале послушни на Бога - сообразно со неговиот голем закон на љубовта - тие би живееле во вечна меѓусебна хармонија. Но гревот донел раздор и нивното единство можело да се одржи само со меѓусебно потчинување еден на друг. Ева прва згрешила, а на искушението му подлегнала затоа што, наспроти божественото упатство, се одделила од својот маж. Подоцна, на нејзино инсистирање, згрешил и Адам, и затоа таа сега морала да му биде потчинета на својот маж. Кога паднатите луѓе би се придржувале кон начелата содржани во Божјиот закон, оваа пресуда, иако уследила 59
како последица на гревот, би се покажала како благодат за нив. Меѓутоа, човекот премногу често го злоупотребувал предимството што му е дадено над жената, загорчувајќи ја уште повеќе нејзината судбина и создавајќи од нејзиниот живот вистински товар.

Додека биле во Едем, Ева била совршено среќна покрај својот маж, но, како и модерните „еви" на денешното време, кои не можат да се задоволат со она што им е дадено, се занесувала со надежта дека ќе проникне во некоја сфера повисока од онаа во којашто ја упатил Бог. Обидувајќи се да се издигне над положбата која првобитно ѝ била определена, паднала на ниво многу пониско од она на кое се наоѓала. Слично ќе поминат сите кои должностите на својот живот не ги прифаќаат доброволно и сообразно со Божјите планови. Настојувајќи да заземат положба за која не се оспособени, мнозина го испуштаат испразнетото место на кое би можеле да послужат на благослов. Стремејќи се да проникнат во повисоки сфери на влијание или интереси, многу жени го жртвуваат своето женско достоинство и благородноста на карактерот и ја занемаруваат токму онаа задача што им ја определило Небото.

Обраќајќи му се на Адама, Господ рекол: „Бидејќи ја послуша жената и вкуси од дрвото од кое ти забранив и реков: - не јади од него - затоа земјата нека биде проклета поради тебе; со мака ќе се храниш од неа сè до крајот на својот живот; трње и троскот ќе ти раѓа, и ти ќе јадеш зелје полско. Со пот на лицето ќе јадеш леб сè дури не се вратиш во земјата, зашто си земја и во земја ќе се вратиш."

Не била Божја волја светата брачна двојка да запознае какво било зло. Тој им дал изобилство на добра, а им го скусил злото. Меѓутоа, наспроти неговата заповед, тие вкусиле плод од забранетото дрво, и сега ќе продолжат да ги јадат тие плодови за да стекнуваат знаење за злото цел живот. Од тоа време човечкиот род ќе биде напаѓан со сатански искушенија. Наместо среќното занимање што им било наменето првобитно, нивна судбина ќе биде живот

полн со грижи и страдања. Ќе бидат изложени на разочарување, на болка и тага, и најпосле ќе мора да умрат.

Притисната со проклетството на гревот, целата природа требало да му сведочи на човекот за карактерот и за последиците на бунтот против Бога. Кога Бог го создал човекот, го поставил за господар над сета земја и над сè што живее на неа. Додека Адам му бил послушен на Небото, сè во природата му се покорувало. Но кога се побунил против божествениот закон, нижите созданија
60 почнале да му се опираат на неговото господарење. На тој начин Господ во својата голема милост настојувал на луѓето да им ја покаже светоста на својот закон, наведувајќи ги од лично искуство да ја увидат опасноста од отфрлањето на неговите прописи, дури и во најмалечка мера.

И животот исполнет со страдања и грижи, кој од тогаш требало да биде човекова судбина, му бил даден од љубов. Тоа била една казна чијашто неопходност ја наметнал гревот и која требало да биде пречка кон задоволување на апетитот и страстите, како и поттик кон развој на самосовладување. Тоа е еден дел на големиот Божји план со кој е предвидено враќање на човекот од пропаста и од неговото понижување предизвикани со гревот.

Со опомената дадена на нашите прародители: „Во кој ден ќе вкусиш од него ќе умреш“ (1. Мојсеева 2,17), не е кажано дека тие ќе умрат веднаш, истиот ден, кога ќе го вкусат забранетиот плод. Меѓутоа, истиот ден требало да им биде соопштена неотповиклива одлука. Бесмртност им била ветена под услов на послушност. Со престапот го загубиле вечниот живот. Во истиот ден требало да им биде изречена смртна пресуда.

За да може да живее вечно, човекот морал да продолжи и натаму да јаде плодови од дрвото на животот. Но, бидејќи тоа му било скусено, неговата животна сила морала постојано да опаѓа сè додека најпосле неговиот живот не се угасил. План на сатаната бил Адам и Ева со својата непослушност да навлечат на себе Божји гнев; а потоа се надевал дека тие, доколку Бог не им прости, и натаму ќе продолжат да ги уживаат плодовите од дрвото на животот и со тоа ќе го овековечат постоењето на гревот и неволјите. Меѓутоа, веднаш по падот на човекот, на светите ангели им било наредено да ги чуваат приодите кон дрвото на животот. Тие ангели биле опкружени со блескотни зраци на светлина што изгледала како пламенен меч. Никому од Адамовите потомци не му било дозволено да ја премине таа граница за да го вкуси животворниот плод од дрвото на животот; затоа не постои бесмртен грешник.

Поројот од страдања, настанат поради престапот на нашите прародители, мнозина го сметаат како премногу голема казна за

еден толку незначителен грев и ја доведуваат во прашање Божјата мудрост и праведност во врска со неговата постапка кон луѓето. Меѓутоа, кога тие луѓе подлабоко би навлегле во ова прашање, би ја увиделе својата заблуда. Бог човекот го создал според својот лик без никаков грев. Земјата требало да ја населат суштества само малку помалечки од ангелите, но нивната послушност морала да биде проверена, зашто Бог не можел да дозволи светот да се наполни со жители кои не би го почитувале неговиот закон. Сепак, во својата голема милост, Тој Адама не го поставил на некоја тешка проба. И токму тоа што забраната била толку малечка, гревот го прави исклучително голем. Зашто, ако Адам не можел да ја издржи таа 61
најмалечка проверка, сигурно е дека не би се одржал во потешки искушенија кога би му биле доверени поголеми одговорности.

Кога Адам би бил ставен во некое големо искушение, тогаш оние, чиишто срца се наклонети кон злото, би се правдале за своите престапи тврдејќи: „Тоа што го правам јас е безначајно, Бог не обрнува внимание на ситниците.“ На тој начин постојано би се оправдувале прекршоците што се сметаат за незначителни и преку кои луѓето преминуваат лекомислено. Но Бог јасно покажал дека гревот му е одвратен, колку и да е мал и незначителен.

На Ева ѝ се чинело дека тоа е ситница што покажала непослушност кон Бога, вкусувајќи плод од забранетото дрво и што мажот го навела на престап; но нејзиниот грев отворил врата на цел порој страдања што го преплавиле светот. Кој можел во тој миг на престапот да ги согледа ужасните последици што ќе ги предизвика тој единствен погрешен чекор?

Мнозина кои учат дека Божјиот закон не е задолжителен за човекот, упорно докажуваат дека човекот не е во состојба да ги исполни неговите прописи. Меѓутоа, ако тоа е точно, зошто тогаш Адам би морал да поднесе казна за својот прекршок? Гревот на нашите прародители го изложил на страдања и на неволји целиот свет; и кога Бог не би бил толку добар и милослив, човештвото одамна би пропаднало во безнадежен очај. Никој нека не се лаже: „Плата за гревот е смрт“ (Римјаните 6,23). Престапувањето на Божјиот закон денеска не е помалку казниво отколку што било тогаш кога е изречена казната над таткото на човечкиот род.

На Адама и Ева, по сторениот прекршок, не им било веќе дозволено да останат во Едем. Тие искрено молеле да им се дозволи да останат во родниот крај на својата невиност и радост. Признале дека загубиле секакво право на тоа среќно престојувалиште, но се заветувале дека во иднина строго ќе му бидат послушни на Бога. Меѓутоа, објаснето им е дека нивната природа е толку изопачена со гревот, што поради тоа е намалена нивната сила со која би

можеле да му се противстават на злото и дека на сатаната ќе му го отворат патот поуспешно да им пристапи. Додека биле невини, тие подлегнале во искушението; а сега, свесни за својата кривица, би имале многу помалечка сила да се сочуваат.

Скршени и неискажливо тажни, се простиле од својот прекрасен роден крај и заминале да се населат на земјата која сега ја притискало проклетството на гревот. Температурата на воздухот, која до тогаш била рамномерна и блага, сега станала подложна на значителни промени, и Бог милосливо ги снабдил со облека од кожа да ги штити од преголеми горештини и од студ.

62 Кога во овенатото цвеќе и во отпаднатите лисја ги виделе првите знаци на распаѓање, Адам и неговата содружничка тагувале повеќе и поболно отколку што тагуваат луѓето денеска за своите покојници. Смртта на нежното и милно цвеќе навистина била повод тие да почувствуваат болка; но кога величествените стебла ги отфрлиле своите лисја, таа сцена на нивниот ум живо им го предочила суровиот факт дека смртта станала судбина на сè што е живо на овој свет.

Едемската градина останала на земјата уште долго по изгнанството на човекот од нејзините пријатни патеки. Паднатиот човечки род уште долго можел да го посматра родниот крај на својата безгрешност, чијшто влез сега го чувале ангели. Бог ја откривал својата слава пред вратата на рајот што ја чувале херувими. Тука Адам и неговите синови доаѓале да се молат на Бога. Тука тие ги обновувале своите завети дека ќе го почитуваат оној закон поради чијшто престап биле истерани од Едем. Кога светот бил преплавен со плима на беззаконие и кога расипаноста на луѓето го запечатила нивното уништување со потоп, тогаш Едем го отстранила од земјата истата рака која го засадила. Но, во конечната обнова, кога ќе бидат создадени „ново небо и нова земја“ (Откровение 21,1), и тој повторно ќе биде воспоставен и уште почудесно украсен отколку што бил на почетокот.

Тогаш тие што ги држеле Божјите заповеди ќе уживаат под дрвото на животот и ќе имаат бесмртна сила; и низ бесконечните времиња на вечноста жителите на безгрешните светови, во таа градина на уживање и задоволство, ќе гледаат пример на совршеното дело на Божјето творештво, негибнато со проклетство на гревот - пример за она што можела да биде целата земја кога човекот би го прифатил величествениот план на својот Творец.

4

# ПЛАН ЗА ОТКУП

Човековиот пад сето небо го исполнил со тага. Светот што го создал Бог бил извалкан со проклетството на гревот и населен со суштества осудени на страдање, беда и смрт. Се чинело дека за оние што го прекршиле Божјиот закон не постои излез. Ангелите престанале да ги пеат своите песни на благодарност и слава. Во сите небесни сали завладеала тага и жалост поради падот предизвикан со гревот.

Божјиот Син, величествениот Заповедник на целото небо, го обзела длабока жалост за паднатиот човечки род. Кога пред него се покажале страдањата на загубениот свет, неговото срце било трогнато и исполнето со бесконечно сочувство и сомилост. Но божествената љубов смислила план според кој човекот може да се откупи и да се спаси. Прекршениот закон го барал животот на грешникот. Во целата вселена постоел само Еден кој, во име на човекот и во негов интерес, можел да ја задоволи правдата и да го исполни тоа што го барал законот. Бидејќи божествениот закон е свет исто толку колку и Бог, прекршителите на тој закон можел да ги искупи со своите страдања само Оној кој е еднаков со Бога. Никој, освен Христос, не можел да ги искупи луѓето од „законската клетва“ и повторно да ги доведе во хармонија со небото. Христос бил готов да ја прими на себе кривицата и срамот на гревот - гревот кој на Божјата светост ѝ е толку одвратен, што морал да го одвои Синот од неговиот Отец. Христос бил готов да се спушти до најголемите длабини на страдањето и бедата за да го спаси паднатиот и загубениот човечки род.

Лично пред Отецот се зазел за интересите на грешниците, а небесните војски го очекувале резултатот од тоа залагање со такво силно чувство и интерес, што истото не може да се искаже со зборови. Долго траел тој таен разговор - „совет на мир“ (Захарија 6,13) - за паднатите човечки синови. Планот на спасението бил поставен пред да биде создадена земјата, зашто Христос е Јагне „кое е заклано од создавањето на светот“ (Откровение 13,8); а

сепак, и Царот на вселената морал да се бори сам со себе пред да го предаде својот Син на смрт заради грешниот човечки род. Но „Бог толку го милее светот, што го даде и својот единороден Син, за ниеден кој верува во него да не загине, туку да има живот вечен“
64 (Јован 3,16). О тајно на спасението! Каква ли љубов Божја кон еден свет кој не го сакал! Кој би можел да ја сфати длабината на оваа љубов која надминува сè што му е познато на човекот? Таа несфатлива љубов низ сите бесконечни времиња на вечноста - и за бесмртните умови што настојуваат да проникнат во нејзината недосеглива тајна - ќе претставува предмет на восхит и на најдлабока почит.

Бог се открил во Христа „и светот го помири со себе“ (2. Коринќаните 5,19). Гревот толку го понижил човекот, што тој сам во никој случај не можел да се помири и да се усогласи со Оној чијашто природа е само чистота и добрина. Меѓутоа, Христос, ослободувајќи ги луѓето од законската клетва, можел да им подари божествена сила за да ја здружат со своите човечки напори. Така, со покајание пред Бога и со вера во Христа, паднатите Адамови потомци повторно можеле да станат „Божји деца“ (1. Јованово 3,2).

Планот со кој е предвидено единствено решение за спасение на човекот, со својата бесконечно голема жртва го опфатил целото небо. Ангелите не можеле да се радуваат кога Христос им го изложил планот, зашто забележиле дека спасувањето на човекот ќе мора да му нанесе неискажливи болки и страдања на нивниот сакан Заповедник. Со болка и со чудење ги слушале неговите зборови додека им објаснувал како Тој мора да ја напушти својата небесна чистота и мир, својата слава и бесмртен живот, за да дојде во допир со понижeноста на земните жители, да ги проживее нивните болки и да биде изложен на срам и смрт. Требало да се постави меѓу грешникот и казната за гревот, а сепак малцина ќе го признаат како Божји Син. Бил готов да ја напушти својата висока положба како небесно Величество и да се појави на земјата, да се понизи како човек, и од лично искуство да се запознае со болките и со искушенијата што мора да ги поднесува човекот. Сето ова било неопходно за да им дојде на помош „на оние што се искушаваат“ (Евреите 2,19). А кога ќе ја заврши својата мисија како учител, ќе биде предаден во рацете на безбожните луѓе и изложен на најстрашни измачувања и страдања кои опачните луѓе, поттикнати од сатаната, можат да ги нанесат. Ќе мора да умре со најстрашна смрт, висејќи меѓу небото и земјата како грешник и злосторник. Неговата повеќечасовна борба со смртта ќе биде толку страшна, што ангелите не ќе можат повеќе да ја гледаат, туку ќе ги засолнат своите лица пред таа сцена. Ќе мора да поднесе и душевен страв

- дури и Отецот ќе го скрие лицето од него додека ќе го притиска кривицата на престапот - товарот на гревот на целиот човечки род.

Ангелите паднале ничкум пред нозете на својот Заповедник, нудејќи го својот живот за жртва заради човекот. Но животот на 65
еден ангел не би можел да го отплати долгот; само Оној кој го создал човекот имал моќ да го искупи. Меѓутоа, ангелите сепак требало да соработуваат во планот на откупувањето. Христос требало да биде помалечок „од ангел... со цел, со Божјата милост за сите да вкуси смрт“ (Евреите 2,9). Бидејќи Тој треба да прими на себе човечка природа, неговата сила нема да биде еднаква на нивната, па тие ќе треба да му служат, да го крепат и да му ги ублажуваат страдањата. Тие исто така требало да бидат „службени духови определени да им служат на оние што ќе го наследат спасението“ (Евреите 1,14). Нивна задача ќе биде следбениците на милоста да ги штитат од лошите ангели и да ја растеруваат темнината со која сатаната постојано ги обвива.

Кога ангелите ќе мора да ја гледаат претсмртната борба и понижувањето на својот Господ, ќе бидат проникнати со болка и огорченост и ќе посакаат да го ослободат од неговите мачители; но нема да им биде дозволено да спречат ништо од она што ќе мораат да го посматраат. Дел од планот на откупот предвидувал Христос да претрпи подбив и исмевање од безбожните луѓе и Тој сето тоа доброволно ќе го прими на себе за да може да стане искупител на човештвото.

Христос ги уверувал ангелите дека Тој со својата смрт ќе откупи големо мноштво и ќе го уништи оној кој има „власт над смртта“. Тој повторно ќе го задобие царството што го загубил човекот со својот престап, а спасените, заедно со него, ќе го наследат и вечно ќе живеат во него. Гревот и грешниците ќе бидат искоренети, за никогаш веќе да не го загрозуваат мирот на небото и земјата. Барал од војските на ангелите да го прифатат планот што веќе го прифатил неговиот Отец и да се радуваат што со неговата смрт паднатиот човек повторно ќе се помири со Бога.

Тогаш небото го исполнила неискажлива радост. Славата и блаженството на искупениот свет ја надминале дури и болката и жртвата на Кнезот на животот. Во величествените небесни дворови зазвучиле вистинските акорди на онаа песна која подоцна ќе екне над ритчињата на Витлеем: „Слава на Бога на височините, а на земјата мир и меѓу луѓето добра волја“ (Лука 2,14). Проникнати со радост поголема од одушевувањето што ги обземало кога бил создаван светот, „пееја заедно утринските ѕвезди и се радуваа сите Божји синови“ (Книгата за Јов 38,7).

На човекот првпат му е навестено спасение уште во градината кога во клетвата упатена на змијата е искажана пресуда над сатаната. Господ рекол: „И ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу твојот род и нејзиниот род. Тој ќе ти ја гази главата, а ти ќе
66 го каснуваш во петата“ (1. Мојсеева 3,15). Оваа пресуда, искажана во присуство на нашите прародители, за нив претставувала известно ветување. Иако предвидувала судир и војна меѓу човекот и сатаната, таа навестила дека големиот непријател најпосле ќе биде скршен. Адам и Ева стоеле пред праведниот Судија како виновници, очекувајќи да ја слушнат пресудата што ја заслужиле со својот престап; но пред да дознаат за животот полн со маки и болки што ќе мора од сега да биде нивна судбина или за одлуката дека мора да се вратат во земјата од која се создадени, слушнале зборови што кај нив разбудиле надеж. Иако морале да страдаат од силата на својот моќен непријател, сепак можеле со надеж да гледаат во иднината, очекувајќи конечна победа.

Кога сатаната слушнал дека меѓу него и жената и меѓу неговиот род и нејзиниот род, треба да постои непријателство, сфатил дека неговото настојување да ја понижи човечката природа ќе биде попречувано; дека на човекот со некакво посредство ќе му биде овозможено да ѝ се противстави на неговата сила. Меѓутоа, кога планот на спасението е целосно изложен, сатаната и неговите ангели триумфирале што успеале со падот на човекот да го повлечат и Божјиот Син од неговата висока положба. Сатаната тврдел дека со своите планови, кои на земјата се покажале толку успешни, ќе го поразат дури и Христа - кога ќе прими на себе човечка природа - и дека на тој начин ќе успеат да го осуетат откупувањето на паднатиот човечки род.

Небесните ангели на нашите прародители поцелосно им го објасниле тој план со кој е завештано нивното спасение. Ги уверувале Адама и Ева дека, и покрај нивниот голем грев, нема да бидат наполно препуштени во власта на сатаната. Божјиот Син се понудил со својата смрт да ги откупи од казната што ја заслужиле со својот прекршок. Ќе им биде дадено извесно време на искушение и проверка, па со покајание и со вера во Христа ќе можат повторно да станат Божји деца.

Жртвата што е барана поради нивниот престап, за Адама и Ева претставувала откритие на светоста на Божјиот закон. Како никогаш до тогаш, ја увидувале грешноста на гревот и неговите ужасни последици. Мачени од грижа на совеста, со болка и страв, се молеле кривицата и казната да не паднат врз Оној чијашто љубов била извор на сите нивни радости; побргу тоа нека падне врз нив и врз нивното потомство.

Бидејќи Божјиот закон е основа на неговото владеење и на не-
бото како и на земјата, кажано им е дека како жртва за престапот
на тој закон не може да се прифати дури ни животот на еден ангел.
Ниеден од неговите прописи не може да се повлече ниту пак да
се измени за да се прилагоди кон човекот и кон неговата падната
состојба; единствено Божјиот Син, Оној што го создал човекот,
може да страда за него и да го искупи. Како Адамовиот престап
што донел неволја и смрт, така Христовата жртва ќе донесе живот 67
и бесмртност.

Поради гревот, под власт на лошиот непријател потпаднал не само човекот, туку и целата земја, а со планот на откупувањето сѐ требало да се обнови и да се врати во првобитната состојба. По завршувањето на создавањето, Адам бил поставен за стопан над сета земја. Но кога подлегнал во искушението, тој паднал под власт на сатаната. „Зашто победениот му робува на победникот“ (2. Петрово 2,19). Кога човекот станал заробеник на сатаната, тогаш неговата власт преминала во рацете на освојувачот. Така сатаната станал „бог на овој свет“ (2. Коринќаните 4,4). Тој насилно и бесправно ја присвоил власта над земјата која првобитно му била дадена на Адама. Меѓутоа, Христос, со својата жртва принесена за гревот, требало не само да го искупи човекот, туку и да му ја врати загубената власт. Сѐ што загубил првиот Адам, Вториот требало да го врати и да го обнови. Така кажува пророкот: „А ти, куло на стадото, риду на Сионовата ќерка, при тебе ќе дојде и ќе се врати поранешното владение, царството на ќерката ерусалимска“ (Михеј 4,8). А апостол Павле упатува понатаму на „залогот на нашето наследство за откуп на оние што станале Божја своина - на пофалба на неговата слава“ (Ефесците 1,14). Бог земјата ја создал да биде живеалиште на свети и среќни суштества. „Зашто вака вели Господ, кој го создаде небото, Тој, Бог, кој ѝ даде облик на земјата и кој ја создаде; Тој ја зацврсти, не ненадејно ја создаде; Тој ја создаде за живеење“ (Исаија 45,18). Таа цел ќе се оствари дури тогаш кога земјата, обновена со Божја сила и ослободена од гревот, од болките и страдањата, ќе стане вечно живеалиште на искупените. „Праведниците ќе ја наследат земјата и вечно ќе живеат на неа“ (Псалм 37,29). „И нема веќе да има никакво проклетство; престолот на Бога и на Јагнето ќе биде во градот; неговите слуги ќе му служат“ (Откровение 22,3).

Додека не згрешил, Адам имал среќа непосредно да разговара со својот Творец; но гревот предизвикал разделба меѓу Бога и човекот и само со Христовото страдање можела да се премости безднатa, да се овозможи спасение и повторно да се воспостави благословената врска меѓу небото и земјата. Човекот сѐ уште е

лишен од непосредниот пристап кон Творецот, но Бог одржува врска со него преку Христа и ангелите.

Така на Адама му биле откриени најважните настани што морале да се одиграат во историјата на човештвото, од она време кога била изречена божествената пресуда во Едем до потопот, и натаму сѐ до првото доаѓање на Божјиот Син. Му било покажано дека Христовата жртва ќе биде доволно голема да го спаси сиот свет, но мнозина побргу ќе изберат живот во грев отколку
68 живот со покајание и послушност. Од поколение во поколение, злосторството ќе биде сѐ поголемо, а проклетството на гревот и страдањата што тој ги носи со себе сѐ потешко ќе го притиска човечкиот род, животните и целата земја. Човековиот век, поради неговиот погрешен начин на живеење, сѐ повеќе ќе се скусува. Тој постојано ќе губи во својата телесна висина и сила, а моралните и интелектуалните сили постојано ќе му опаѓаат, додека светот не се наполни со секаква беда. Оддавајќи се на задоволување на желбите во јадење и на други сетилни наслади, луѓето нема да бидат во состојба да ги сфатат и да ги ценат големите вистини за планот на откупувањето. Сепак, Христос ќе остане доследен на она што го планирал и поради што Тој го напушта небото, и нема да престане да се зазема за луѓето, повикувајќи ги да му ги предадат нему сите свои слабости и мани. Тој ќе ги задоволи потребите на сите што му пристапуваат со вера. А секогаш ќе има такви кои постојано ќе го чуваат знаењето за Бога и кои ќе останат неизвалкани и покрај беззаконието кое сѐ повеќе ќе се засилува.

Принесувањето на жртви го пропишал Бог, со цел човекот постојано да го потсетува на неговиот грев и да го наведе на каење и на јавно покажување на вера во ветениот Спасител, и постојано и живо на паднатиот човечки род да му ја предочува свечената вистина дека гревот предизвикал смрт. За Адама принесувањето на првата жртва било исклучително болна и мачна церемонија. Морал да ја подигне својата рака за да одземе живот кој само Бог можел да го подари. Тогаш првпат видел смрт, а знаел дека ниту човекот ниту животното не би морале да умрат кога тој би му останал послушен на Бога. Кога го заклал невиното животно на жртва, затреперил при помислата дека поради неговиот грев мора да се пролее крвта на пречистото и невино Божје Јагне. Таа сцена му помогнала подлабоко и поживо да ја сфати големината на својот престап што можел да биде отстранет само со страдањето и со смртта на саканиот Божји Син. И тој се восхитувал на неизмерната Добрина што можела да даде таков откуп за спасение на грешникот. Заблескотела ѕвезда на надеж којашто ја осветлила темната и страшна иднина и го спасила од целосен очај.

Меѓутоа, планот на откупувањето имал една подлабока и поширока цел отколку што е спасението на човекот. Христос не дошол на земјата само за тоа жителите на овој мал свет да можат да го посматраат Божјиот закон онака како што треба да се посматра, туку да го прикаже и да го оправда Божјиот карактер и пред жителите на другите светови и пред целата вселена. На тоа мислел Спасителот кога пред своето распнување рекол: „Сега е судот на овој свет; сега кнезот на овој свет ќе биде истеран надвор. И кога јас ќе бидам издигнат од земјата, сите ќе ги привлечам кон 69
себе“ (Јован 12,31.32). Христовата смрт за спасение на човекот не само што го сторила небото достапно за човекот, туку пред целата вселена го оправдала карактерот на Бога и на неговиот Син во нивната постапка со бунтот што го предизвикал сатаната. Таа го потврдила вечното постоење и непроменливоста на Божјиот закон и ја открила природата на гревот и неговите последици.

Оваа голема борба уште од својот почеток се водела околу Божјиот закон. Сатаната се обидувал да докаже дека Бог е неправеден, дека неговиот закон е полн со недостатоци и дека интересите на вселената бараат тој закон да се измени. Напаѓајќи го законот, тој всушност имал намера да го урне авторитетот на Законодавецот. Во овој судир требало да се докаже дали божествените прописи се непотполни и подложни на измени и дополненија, или се совршени и непроменливи.

Кога бил фрлен од небото, сатаната решил оваа земја да ја претвори во свое царство. Кога ги искушал и ги совладал Адама и Ева, претпоставувал дека ја добил власта над овој свет, „зашто“ - тврдел тој - „самите ме избраа мене за свој господар“. Тврдел дека не е можно на грешникот да му се прости, дека поради тоа припадниците на паднатиот човечки род се негови законити приврзаници, а овој свет негова своина. Но Бог го дал својот сакан Син - Оној кој бил еднаков со него - да ја поднесе казната за престапот и со тоа да го обезбеди патот по кој луѓето можат повторно да ја задобијат неговата милост и одобрување и да се вратат во својот едемски роден крај. Христос се зазел да го откупи човекот и да го оттргне светот од канците на сатаната. Големата борба, почната на небото, треба да се приведе кон крај токму на овој свет, на почвата за која сатаната тврди дека е негова.

Целата вселена се чудела што Христос ќе се понизи за да го спаси паднатиот човек; што Тој - кој оди од ѕвезда до ѕвезда и од еден до друг свет во пространствата на вселената, надгледувајќи сè и задоволувајќи ги во своето провидение потребите на сите суштества во својот голем творечки опус - ќе се согласи да ја напушти сета своја слава и да земе човечка природа. Тоа била тајна

што безгрешните жители на другите светови сакале да ја сфатат. А кога дошол на овој свет како човек, со најголем интерес го следеле секој негов чекор на со крв испрсканиот пат, од јаслите - до Голгота. Небото забележало секоја навреда и секое исмевање што Тој морал да ги поднесе и знаело дека сето тоа го поттикнува сатаната. Небото следело како напредува противставувањето на силата на непријателот; како сатаната постојано го обвива човечкиот род со темнина, нанесувајќи му тага, болка и страдања, и како Христос се труди сето тоа да го осуети. Небесните суштества будно ја следеле борбата меѓу светлината и темнината и тогаш кога таа била најжестока. А кога Христос во своите претсмртни маки, умирајќи
70 на крст, извикнал: „Се сврши!“ (Јован 19,30) - извик на триумф се разлеал на небото и низ целата вселена. Тогаш е решена големата борба што траела толку долго на овој свет, а Христос излегол како победник. Неговата смрт дала одговор на прашањето дали Синот и Отецот имаат доволно љубов кон човекот а тоа да го докажат со самооткажување и со жртва. Сатаната го покажал својот вистински карактер како лажливец и убиец. Покажал дека, кога би му било дозволено да загосподари со небесните суштества, би го покажал истиот дух со кој владее над човечките синови потчинети на неговата власт. Сите светови во вселената, кои му останале лојални на Бога, едногласно решиле да го воспеваат Божјето владеење.

Кога би било можно да се менува законот, тогаш човекот би можел да биде спасен и без Христовата жртва. Меѓутоа, фактот што Христос морал да го даде својот живот за паднатиот човечки род, покажува дека законот не го ослободува грешникот од барањата што ги има кон него. Докажано е дека плата за гревот е само смрт. Со Христовата смрт пропаста на сатаната станала неизбежна. Меѓутоа, кога законот би бил укинат на крстот, како што тврдат мнозина, тогаш сите страдања и смртта на саканиот Божји Син само би му го дале на сатаната токму она што тој го барал; тогаш кнезот на злото би триумфирал, зашто неговите обвинувања против Божјето владеење би биле поткрепени. Но, токму фактот што Христос ја поднел казната за човековиот престап за сите создадени суштества претставува најсилен и најубедлив доказ дека законот е непроменлив; дека Бог е праведен, милозлив и полн со самооткажување и дека во неговото управување со вселената, неговата бесконечна и вечна правда ја придружува и милост.

5

# ИСКУШЕНИЕТО НА КАИНА И АВЕЛА

*Оваа ғлава е заснована на 1. Мојсеева 4,1-15*

Синовите на Адама, Каин и Авел, по карактер биле мошне различни. Авел бил искрено и предано верен на Бога. Во постапувањето на Творецот со паднатиот човечки род тој видел праведност и милосрдие и со радост ја прифатил надежта на откупувањето. Меѓутоа, Каин негувал чувство на бунт и мрморел против Бога поради проклетството изречено над земјата и над човечкиот род по Адамовиот грев. На своите мисли им дозволил да се занимаваат со истото она што и сатаната го одвело во пад - ѝ попуштал на желбата за самоизвишување и ја доведувал во прашање божествената правда и неговиот авторитет.

Обајцата браќа, како и Адам во почетокот, морале да бидат проверени за да се види дали тие веруваат во Божјата реч и дали ќе бидат послушни. Биле запознати со планот предвиден за спасение на човекот и го сфатиле системот на принесување на жртви што го пропишал Бог. Знаеле дека со принесувањето на жртвите всушност ја изразуваат верата во Спасителот кој е сликовито прикажан со тие жртви, и дека за проштавање на гревот во целост зависат од него; а знаеле исто така дека со прифаќањето на тој божествен план, предвиден за нивниот откуп, даваат доказ дека ја почитуваат Божјата волја. Без пролевање на крв нема проштавање на гревот; и тие, со жртвувањето на првите младенчиња од своите стада, требало да ја покажат својата вера во Христовата крв како ветена Жртва која ќе страда за помирување. Освен тоа, на Господа требало да му ги принесуваат и првите земни плодови како жртва на благодарност.

Обајцата браќа направиле слични олтари и донеле секој своја жртва. Сообразно со упатствата што ги дал Бог, Авел принел жртва од стадото. „И Господ погледна на Авела и на неговиот принос.“ Од небото молснал оган и ја запалил жртвата. Меѓутоа, Каин, не осврнувајќи се на изричната Божја заповед, принел само

плодови како принос. Од небото немало никаков знак што би по-
72 кажал дека неговата жртва е примена. Авел го молел брата си да
пристапи кон Господа онака како што пропишал Тој, но неговите
молби Каина го сториле уште поупорен во неговите намери. Како
постар, се чувствувал премногу горд за да дозволи помладиот брат
да го опоменува и ги презрел неговите совети.

Каин излегол пред Бога со срце полно со незадоволство и со сомневање во ветената Жртва, и општо во потребата да се принесува жртва за грев. Неговиот принос не бил израз на каење поради гревот. Тој, како и мнозина денеска, сметал дека тоа е само доказ на слабост да се следи точно патот што го пропишал Бог, и за своето спасение потполно да се потпре врз страдањата што ќе ги поднесе ветениот Спасител. Тој сакал во своите постапки да биде самостоен и да ги истакне своите лични заслуги. Не сакал да принесе јагне и неговата крв да ја помеша со жртвените приноси, туку принел од своите плодови, од производите на својот труд. Неговиот принос повеќе претставувал израз на доброволен прилог или на нешто што се прави од внимание и милост, и сметал дека со тоа си обезбедува себеси божествена наклоност и негово одобрување. Каин го послушал Бога само дотолку што подигнал олтар и принел жртва; но тоа била само делумна послушност. Пропуштил да го стори она што било најважно, а тоа е признавање дека му е потребен Спасител.

Што се однесува до раѓањето и до верското воспитување, обајцата браќа биле еднакви. Обајцата биле грешници и обајцата признавале дека Бог има право од нив да бара да му укажуваат почит и да му се молат. Според надворешните знаци, нивната вера во извесна мера била еднаква, но во она што било над тоа, разликата била мошне голема.

„Со вера Авел му принесе на Бога поголема жртва отколку Каин“ (Евреите 11,4). Авел ги сфатил големите основни начела на откупувањето. Увидувал дека е грешник и дека меѓу неговата душа и врската со Бога стојат гревот и смртта како казна. Принел заклано животно, жртвуван живот, со што ги признал барањата на законот кој бил прекршен. Гледајќи во пролеаната крв, ја видел Жртвата на иднината - Христа - како умира распнат на Голгота и, верувајќи во спасението што ќе биде со тоа осигурено, се осведочил дека е оправдан и дека жртвата му е примена.

Каин, исто како и Авел, имал прилика и можност да ги осознае и да ги сфати сите тие вистини. Тој не бил жртва на некаква самоволна и тиранска Божја намера. Не е еден од браќата избран да биде од Бога примен, а другиот да биде отфрлен. Авел избрал вера и послушност, а Каин неверување и бунт. Сè било засновано на тоа.

Каин и Авел се претставници на две групи или на две определби што ќе постојат на светот до крајот на времето. Едни ќе знаат да ја 73
користат жртвата принесена поради човечките престапи, а други сè повеќе ќе се надеваат и ќе се потпираат врз своите лични заслуги; нивната жртва, лишена од силата на божественото посредување, не ќе биде во состојба да им обезбеди Божја милост. Нашите престапи можат да бидат простени само со Христовите заслуги. Оние што сметаат дека Христовата крв не им е неопходна, дека со лични заслуги, без божествена милост, можат да стекнат небесна наклоност и одобрение, паѓаат во истата онаа заблуда во која се наоѓал и Каин. Ако не ја прифатат крвта која може да очисти, тие остануваат под осудата и клетвата. Не е предвиден и не постои ниту еден друг начин човекот да се ослободи од робувањето на гревот.

Најголем дел од светот ѝ припаѓа на онаа група поклоници кои го следат Каиновиот пример, зашто речиси сите лажни религии се засноваат на истиот принцип - дека човекот може да си обезбеди спасение со лични напори. Мнозина тврдат дека на човечкиот род не му е потребно спасение, туку развиток - дека сам може да се облагороди, да се издигне и да се пpероди. Како Каин што мислел дека може да си обезбеди божествено одобрение со својот принос што претставувал бескрвна жртва, така и овие се надеваат дека ќе го издигнат човештвото до Божјиот идеал без жртва која страда за помирување. Случајот на Каина покажува какви се последиците од таквото сфаќање - што човекот неминовно станува ако се одвои од Христа. Во човекот нема сила со која би можел самиот да се обнови и преpоди, зашто човештвото не се стреми кон горе, кон она што е божествено, туку кон долу, кон она што е сатанско. Христос е наша единствена надеж. „Зашто под небото нема друго име дадено на луѓето со кое би можеле да се спасиме“ (Дела 4,12).

Вистинската вера, која целосно се потпира врз Христа, се покажува во прифаќањето на сите Божји заповеди. Од времето на Адама, па сè до нашите денови, секогаш се водела голема борба околу тоа дали треба или не треба да се држи Божјиот закон. Секогаш имало луѓе кои полагале право на Божјата милост иако занемарувале некои негови заповеди и ги сметале за неважни. Меѓутоа, Светото писмо кажува: „ ... И низ делата се усоврши верата.“ „Така и верата, ако нема дела, мртва е по себе“ (Јаков 2,22.17). Оној што тврди дека го познава Бога, „а не ги држи неговите заповеди, е лажливец и во него нема вистина“ (1. Јованово 2,4).

Кога Каин видел дека неговиот принос не е примен, се налутил и на Бога и на Авела; го жестело тоа што Бог не ја прифатил неговата замена наместо жртвата што ја пропишало Небото, а на брата си се лутел затоа што овој одбрал да му биде послушен на

74 Бога наместо да се придружи кон бунтот против него. Иако Каин останал глув за Божјата заповед, сепак, Бог не го препуштил самиот на себе, туку се спуштил да го вразумува човекот кој се покажал толку неразумен. И Господ му рекол на Каина: „Зошто се лутиш? Зошто ти се промени лицето?“ Еден ангел-весник му ја пренел божествената порака: „Зар кога правиш добро, не го креваш ли лицето? А ако не правиш добро, тогаш гревот е пред врата; тој те влече кон себе, но ти надвладај го.“ Каин можел да бира и слободно да реши и да се определи. Кога би имал доверба во заслугите на ветениот Спасител и кога би бил готов да ги прифати Божјите барања, би можел да ѝ се радува на неговата милост. Но, бидејќи тврдоглаво останал во своето неверство и престап, неговата жалба што бил отфрлен од Бога била неоснована.

Меѓутоа, наместо да го признае својот грев, Каин продолжил да се жали против Божјата неправда и да негува завист и омраза кон Авела. Налутено го прекорувал брата си, настојувајќи да го вовлече во расправа во врска со Божјето постапување со него. Со кротост, но бестрашно и решително, Авел ја бранел Божјата праведност и неговата добрина. Му укажал на Каина на неговата заблуда и се трудел да го наведе и самиот да го увиди тоа. Го потсетил на Божјето сожалување покажано кон нивните драги родители што им го поштедил животот тогаш кога можел да ги казни со смрт истиот миг и упорно истакнувал дека Бог ги љуби, зашто да не е така, Тој не би го дал својот сакан, безгрешен и свет Син да ја претрпи казната што ја заслужиле тие. Сето тоа уште повеќе разгорело жесток гнев кај Каина. Разумот и совеста му зборувале дека Авел има право, но се лутел што оној, кој обично му се покорувал, се осмелил да му се противстави и што кај него не наишол на согласност во своето противење и во бунтот против Бога. Во налет на јарост, го убил брата си.

Каин го мразел брата си и го убил не затоа што овој му сторил некакво зло, туку затоа што „неговите дела беа лоши, а на брат му праведни“ (1. Јованово 3,12). Така во сите векови безбожните и неправедните ги мразеле оние што се подобри од нив. Животот на Авела, исполнет со послушност, и неговата непоколеблива вера, за Каина биле постојан укор. „Зашто секој што прави зло, ја мрази светлината, и не оди кон светлината, за да не бидат осудени неговите дела, оти се лукави“ (Јован 3,20). „Сите што сакаат да живеат побожно во Христа Исуса, ќе бидат гонети“ (2. Тимотеј 3,12). Колку светлината со која верните Божји слуги го одразуваат неговиот карактер свети посилно, сè појасно се гледаат гревовите на грешните и сè порешителни се нивните напори да ги уништат оние што го нарушуваат нивниот мир.

Убиството на Авела е прв пример на непријателството кое, како 77
што изјавил Бог, требало да постои меѓу змијата и потомството на земјата - меѓу сатаната и неговите приврзаници од една страна, и Христа и неговите следбеници од друга страна. Благодарение на човековиот престап, сатаната стекнал власт над човечкиот род, а Христос требало да ги оспособи луѓето да го отфрлат неговиот јарем. Секогаш кога некоја душа, со вера во Божјето Јагне, ќе се откаже од гревот, тоа предизвикува и распалува гнев кај сатаната. Посветениот живот на Авела претставувал доказ спротивен на тврдењата на сатаната дека луѓето не се во состојба да го држат Божјиот закон. Каин, гонет од лошиот дух, кога видел дека не може да господари над Авела, толку многу се расрдил на него, што му го одзел животот. И секаде каде што ќе се најдат такви кои ја бранат правдата на Божјите закони, ќе се покаже против нив ист ваков дух. Тоа е истиот оној дух кој за Христовите ученици подигал справи за мачење и потпалувал пламен на ломачи низ сите векови. Сите свирепости и грозомори што морале да ги поднесат Христовите следбеници биле поттикнати и предизвикани од сатаната и од неговите лоши ангели затоа што не можеле да ги присилат да ја прифатат нивната власт. Тоа е бес на поразениот непријател. Секој маченик за Христа умирал како победник. Пророкот кажува: „Тие го победија (старата змија, наречена ѓавол и сатана) со крвта на Јагнето и со речта на своето сведоштво, изложувајќи го својот живот дури и на смрт“ (Откровение 12,11.9).

Каин како убиец набргу бил повикан да одговара за своето злосторство. „Тогаш Господ му рече на Каина: Каде ти е брат ти Авел? А тој одговори: Не знам. Зар сум јас чувар на мојот брат?“ Каин во толкава мера потонал во грев, што наполно го загубил чувството и свеста дека Бог насекаде е присутен и дека сѐ гледа и знае. Се послужил со лага за да ја оправда својата кривица.

Повторно Господ му проговорил на Каина: „Што стори? Гласот на крвта на твојот брат вика од земјата кон мене.“ Бог на Каина му дал можност да го признае својот грев. Каин имал време да размисли. Тој бил свесен за големината на делото што го сторил и за лагата што ја кажал и не можел да го прикрие стореното дело, но сѐ уште се држел пркосно и бунтовно, па затоа ни пресудата не е одложувана. Божествениот глас, кој до тогаш можел да се чуе во советите и опомените, изговорил страшни зборови: „Затоа да си проклет на земјата што ја отвори својата уста да ја прими крвта на брат ти од твојата рака. Кога ќе ја обработуваш земјата, таа нема повеќе да ти го дава својот род. Ти ќе бидеш вечен скитник на земјата“

78 Иако Каин за своето злосторство заслужил смртна казна, милостивиот Творец му го поштедил животот и му дал можност да се покае. Но Каин живеел само затоа за уште повеќе да му се стврдне срцето, за уште поупорно да му се противи на Божјиот авторитет и да стане поглавица на цела низа дрски и развратни грешници. Под водство на сатаната, овој отпадник претставувал искушение и за другите, а неговиот пример и влијание вршеле понижувачко дејство и воделе во разврат и порок, додека земјата не се расипала и не се наполнила со насилство во толкава мера, што морала да биде уништена.

Со тоа што на првиот убиец му го поштедил животот, Бог на целата вселена ѝ дал објаснение за големата борба. Мрачната историја на Каина и на неговите потомци најјасно покажува што би се случило кога Бог на грешникот би му подарил вечен живот и кога овој, благодарение на тоа вечно постоење, би можел во целост да го развие својот бунт против Бога. Меѓутоа, големото Божје трпение ги правело безбожниците уште повеќе пркосни во нивното беззаконие. Петнаесет векови по изречувањето на пресудата над Каина, вселената ги видела плодовите на неговиот пример и на неговото влијание во злосторствата и во неморалот што ја преплавиле земјата. Се покажало дека смртната пресуда изречена над паднатите луѓе поради нивниот престап била и праведна и милостива. Колку подолго живееле во гревот, луѓето станувале сè порасипани. Божјата пресуда повеќе била благослов отколку проклетство токму поради тоа што го пресекувала развојот на незауздаността беззаконие во човековиот живот и го ослободувала светот од влијанието на оние што станале непоправливи во својот бунт против Бога.

Сатаната постојано и неуморно се труди, обидувајќи се на илјадници начини да го изобличи Божјиот карактер и лажно да го претстави неговото владеење. Тој работи со големи и добро организирани планови и со чудесна сила, со цел жителите на светот цврсто да ги држи под знамето на своите заблуди. Недосегливиот и сезнаен Бог го видел крајот уште од почеток, и во неговото постапување со злото можат да се видат само неговите далекусежни и сеопфатни планови. Тој имал намера не само да го совлада бунтот, туку и пред целата вселена да ја покаже неговата вистинска природа. Божјиот план, без никакво увивање, ја покажал не само Божјата праведност и милосрдие, туку потполно ја оправдал и неговата мудрост и правда во постапувањето со злото.

Светите жители на световите што не падналe, со најдлабоко интересирање будно ги следат настаните што се одигруваат на земјата. Во состојбата во која светот се наоѓал пред потопот тие

ја виделе сликата на управата што Луцифер имал намера да ја
спроведе на небото, отфрлајќи го Христовиот авторитет и укину- 79
вајќи го Божјиот закон. Во безочните грешници на претпотопниот свет виделе приврзаници над кои господарел сатаната. „Човечката расипаност на земјата“ била преголема „и сите мисли на нивното срце постојано беа само лоши“ (1. Мојсеева 6,5). Секој стремеж, секоја побуда и секоја мисла биле во војна со основните Божји начела на чистотата, мирот и љубовта. Тоа била слика на грозната изопаченост, слика на последиците на мудроста на сатаната Божјите созданија да ги ослободи од ограничувањата што им ги поставува светиот Божји закон.

Во натамошниот развој на големата борба Бог со непобитни факти ќе ги објасни начелата на своето владеење и ќе покаже како сатаната и оние што тој ги завел истите ги прикажувале во искривоколчена светлина. На крај сиот свет ќе ја признае неговата праведност, иако тоа признание ќе настапи премногу доцна за со него да се спасат побунетите.

Приближувајќи се чекор по чекор кон своето конечно остварување, Божјиот голем план сè повеќе придобива наклоност и одобрување од целокупната вселена која ќе биде наполно обединета со него во конечното искоренување на бунтот. Ќе се покаже дека сите што ги напуштиле божествените уредби се ставиле на страна на сатаната и војувале против Христа. Кога кнезот на овој свет конечно ќе биде осуден и кога сите што му се придружиле ќе мораат да ја делат неговата судбина, жителите на целата вселена како сведоци ќе изјават: „Праведни се и вистинити патиштата твои, Царе на светите“ (Откровение 15,3).

6

# СИТ И ЕНОХ

*Оваа глава е заснована на 1. Мојсеева 4,25 - 6,2*

Адам добил уште еден син кој требало да биде наследник на божественото ветување, законит наследник на духовното право по раѓање. Името Сит, дадено на овој син, значело „именуван" или „дополнителен", „зашто" - рекла мајка му - „Бог ми даде друг син наместо Авела, што го уби Каин." Сит по раст бил повисок и поелегантен од Каина и Авела и личел на Адама многу повеќе отколку неговите постари синови. Имал примерен карактер и ги следел стапките на Авела, иако по природа не наследил никакви подобри особини од оние што можел да ги има и Каин. Во врска со создавањето на Адама стои напишано: „Кога Бог го создаде човекот, го создаде според својот лик"; меѓутоа, човекот - по паѓањето - „роди син според својот лик". Додека Адам бил создаден безгрешен, според Божјиот лик, Сит, како и неговиот брат Каин, ја наследил грешната природа на своите родители, зашто бил нивна лика. Но тој исто така примил и знаење за Искупителот и поуки за праведноста. Благодарение на божествената милост, можел да му служи на Господа и да го почитува, а се трудел, како што би правел и Авел, да бил жив, луѓето наклонети кон грев да ги врати на послушност и на почит кон својот Творец.

„На Сит му се роди син кого го нарече Енос. Тогаш почна да се призива името Господово." Верните и до тогаш му се молеле на Бога, но кога луѓето почнале да се намножуваат, разликата меѓу тие две групи станувала сѐ поочигледна. На една страна било отворено исповедање на преданост кон Бога, а на друга отворен презир и непослушност.

Пред да паднат во грев, нашите прародители празнувале сабота која била воспоставена уште во Едем, и продолжиле да ја празнуваат и кога биле истерани од Едем. Тие ги вкусиле горчливите плодови на непослушноста и го научиле она што порано или подоцна мора да го научи секој престапник на Божјиот закон - дека божествените

прописи се свети и непроменливи и дека казната за престапот е
неизбежна. Сите Адамови деца што му останале предани на Бога 81
празнувале сабота. Само Каин и неговите потомци не го почитувале
денот во кој се одморал Бог. Тие одбрале свое време за работа и за
одмор, не осврнувајќи се на изричната заповед на Јехова.

Веднаш по проклетството што го изрекол Бог над него, Каин се повлекол од семејството на својот татко. Од почеток се занимавал со земјоделие, а сега засновал град кој подоцна го нарекол со името на својот најстар син. Се оддалечувал од местото каде што се покажувало Божјето присуство и го отфрлил ветувањето дека Едем повторно ќе му биде вратен на човекот, настојувајќи свое задоволство и уживање да најде на оваа земја што лежела под проклетство на гревот. На тој начин се ставил на чело на онаа голема група, на огромно мнозинство луѓе што му се клањаат на богот на овој свет. Во стекнувањето на сѐ поголемо земно и материјално богатство неговите потомци биле мошне истакнати. Но за Бога воопшто не им било грижа, туку ги попречувале неговите планови при постапувањето со луѓето. Кон злосторството - убиството - на кое Каин му го отворил патот, неговиот петти потомок, Ламех, додал уште и многуженство и со пркосно расфрлање го признавал Бога, но само затоа што Каин бил поштеден од одмазда, во која и самиот тој наоѓал гаранција за својата сопствена безбедност. Авел живеел пастирски живот, живеејќи под шатори или под сеници, па и потомците на Сит го следеле неговиот пример, „признавајќи дека се гости и дојденци на земјата“ и дека сакаат нешто „подобро, односно небесно“ (Евреите 11,13.16).

Извесно време овие две групи меѓусебно не се мешале. Ширејќи се од своето првобитно родно место, потомците на Каина почнале да се населуваат по рамнините и долините каде што живееле синовите на Сит; и овие подоцна, за да се сочуваат од порочното влијание на неверниците, се повлекле во планините и продолжиле таму да живеат. Додека биле изделени, почитувањето на Бога било чисто. Меѓутоа, како времето поминувало тие, малку по малку, почнале да се мешаат со жителите на рамничарските предели. Тоа дружење имало мошне лоши последици. „Божјите синови (потомците на Сит), видоа колку се убави човечките ќерки (Каиновите).“ Синовите на Сит, привлечени од убавината на ќерките на Каиновите потомци, почнале да склучуваат брачни врски со нив, а тоа на Господа не му било мило. Мнозина од оние што го почитувале Бога подлегнале во привлечното искушение кое постојано им било пред очи, загазиле во грев и го загубиле својот посебен свет карактер. Мешајќи се со расипаните, се изедначиле со нив во сфаќањата и делата. Без оглед на ограничувањата што ги налага седмата

заповед, „земаа за жени кого што сакаа". Така синовите на Сит
82 „појдоа по стапките на Каина" (Јуда 11), и своите мисли ги насочија кон земните успеси и уживања, занемарувајќи ги Господовите заповеди. „Зашто, кога го познаа Бога, тие не го прославија како Бог, ниту пак му заблагодарија, туку се заблудија во своите помисли и нивното неразумно срце им се помрачи... Затоа Бог ги предаде на изопачен ум, да го прават она што не прилега" (Римјаните 1,21.28). Гревот се ширел на земјата како смртоносна лепра.

Речиси илјада години Адам живеел меѓу луѓето како сведок на последиците што ги носи гревот со себе. Верно се залагал да ја запре плимата на злото. Му била доделена должност своето потомство да го упатува на Господовиот пат и тој верно го чувал она што му го открил Бог и истото им го повторувал на генерациите што настапувале. На своите деца и на децата на своите деца, до деветто поколение, им ја опишувал светата и среќна состојба и животот во рајот, и им ја повторувал историјата за својот пад, раскажувајќи им за страдањата со чија помош Бог го научил дека е неопходно

неговиот закон строго и верно да се почитува, и им ја објаснил милосливата Божја грижа за нивното спасение. Па сепак, малку имало такви кои се осврнувале на неговите зборови. Често морал да поднесува горчливи прекори и префрлања поради гревот кој на неговото потомство му донел толку многу страдања и неволји.

Животот на Адама бил скршен, исполнет со болки и со каење. Кога го напуштил Едем, помислата дека мора да умре го исполнувала со страв и ужас. Стварноста на смртта првпат ја запознал во човечкото семејство кога неговиот син првенец, Каин, го убил својот брат. Обземен со болна грижа на совеста поради сопствениот грев и со двојната загуба - со смртта на Авела и со отфрлањето на Каина - Адам бил наполно столчен со тага. Со свои очи гледал како расипаноста се шири на сите страни и сѐ повеќе ја забрзува пропаста на светот која најпосле и дошла во вид на потоп. Што се однесува до смртната пресуда што му ја изрекол Творецот и која во почетокот му изгледала толку страшна, по речиси илјада години, кога со свои очи морал да ги гледа последиците на гревот, се осведочил дека крајот на животните страдања и болки всушност е Божја милост.

И покрај безбоштвото на претпотопниот свет, тоа време сепак, не било, како што често се мисли, време на незнаење и варварство. Луѓето имале можност да постигнат повисок степен на моралност и на умни дострели. Располагале со голема сила, и телесна и умна, и нивните предимства да стекнат и верско и научно сознание биле ненадминливи. Погрешна е претпоставката дека тие, бидејќи биле толку долговечни, умно се развивале и созревале дури во подоц-

нежните години; нивните умни способности рано се развивале, и 83
оние што се боеле од Бога и живееле сообразно со неговата волја, продолжувале да се развиваат и напредуваат во знаењето и мудроста во текот на целиот свој живот. Кога денешните прочуени научници би можеле да се состанат со луѓето од исти години од претпотопниот свет, би се видело колку заостануваат зад нив како во телесните така и во умните способности. Со текот на времето, како се скусувал човековиот век и се намалувала неговата телесна сила, така опаѓале и неговите умни способности. Денеска има луѓе кои меѓу својата дваесетта и педесетта година се посветуваат на напорни студии и светот им се восхитува на нивните успеси. Меѓутоа, колку ограничени се нивните успеси во споредба со оние што биле во состојба да ги постигнат луѓето чиишто физички и умни сили се развивале со векови!

Вистина е дека луѓето на современиот свет уживаат предимство да ги користат придобивките на своите претходници. Постоеле луѓе со необично силен ум, кои планирале, студирале и пишувале, и своите дела им ги оставиле на потомците. Но дури и во тој поглед, доколку станува збор за чисто човечки способности, колку поголемо било предимството на луѓето на она време! Тие со векови го гледале пред себе оној кој бил создаден според Божјиот лик, кого лично Творецот го прогласил за мошне добар - човекот кого сам Бог го упатил во сите сознанија во врска со материјалниот свет. Историјата за создавањето на светот Адам ја дознал директно од Творецот. Настаните што се одигрувале во текот на повеќе од девет векови тој ги посматрал лично и сето свое знаење му го пренесувал на потомството. Претпотопните луѓе немале книги ниту пишани извештаи, но покрај големата физичка и умна сила, имале и силно памтење што им овозможило да го сфатат и да го запаметат сè она што го слушнале и сето тоа неизменето да им го пренесат понатаму на своите потомци. Освен тоа, седум генерации живееле едновремено на земјата во текот на многу векови, што им овозможувало меѓусебно да се советуваат и да разговараат и на помладите им давало можност да го користат знаењето и искуството на постарите.

Луѓето во тоа време имале предимство Бога да го запознаат од неговите дела и тоа во онаа мера каква што никогаш веќе не се повторила. Тоа ниту оддалеку не била ера на верски мрак, туку време на голема светлина. Цел свет имал можност да научи нешто непосредно од Адама, а на оние кои му биле предани на Бога, учител им бил Христос, а ангелите советници. А имале уште еден сведок кој во прилог на вистината зборувал и без зборови - тоа била Едемската градина која со векови стоела пред очите на

луѓето. Пред вратата на рајот, пред која сега стражареле херувими, се откривала Божјата слава, и тука доаѓале првите поклоници да
84 се молат на Бога. Тука се подигани олтари и принесувани жртви. На тоа место Каин и Авел ги принесувале своите жртви и тука Бог доаѓал да разговара со нив.

Сомневањето не можело да ја оспори вистината за постоењето на Едемската градина сѐ додека таа, заедно со ангелите што го чувале пристапот кон нејзината врата, стоеле непосредно пред очите на луѓето. Поредокот на создавањето, вистината за Едемската градина и историјата на двете нејзини дрвја кои се толку тесно поврзани со човековата судбина - сето тоа биле неспорни факти. Постоењето на Бога, неговиот врховен авторитет, како и задолжителното потчинување на неговите закони - сето тоа било вистина која човекот мошне тешко можел да ја оспорува сѐ додека Адам се наоѓал меѓу живите.

И покрај тоа што безбоштвото сѐ повеќе земало мав, постоела цела низа свети луѓе кои, одржувајќи постојана врска со Бога, биле толку облагородени и возвишени, како да живееле во друштво на небесните суштества. Тоа биле луѓе со силен ум и со чудесни способности. Ним им била доверена голема и света задача - да развиваат исправен карактер и да бидат пример на побожност не само за луѓето на своето време, туку и за идните поколенија. Во светите списи на Библијата се споменати само најистакнатите меѓу нив. Меѓутоа, Бог во сите времиња имал верни сведоци; секогаш постоеле луѓе кои му служеле со сето свое срце.

За Еноха е запишано дека „поживеа шеесет и пет години и роди син“. Потоа одел со Бога живеејќи уште триста години. Во текот на тие свои први години Енох го сакал Бога, се боел од него и ги држел неговите заповеди. Ѝ припаѓал на светата лоза на оние што ја чувале вистинската вера на предците и бил потомок на ветеното семе. Од устата на Адама дознал за мрачната историја на падот во грев и за радосната вест дадена во Божјето милосливо ветување, па се потпрел врз Искупителот кој требало да дојде. Меѓутоа, по раѓањето на неговиот прв син, Енох стекнал едно повисоко искуство, стапил во едно поинтимно сродство со Бога. Поцелосно ги сфатил своите обврски и должности што ги имал кон Бога како негово дете. Кога видел колкава е љубовта на детето кон таткото, како тоа едноставно се доверува на неговата грижа и заштита, кога ја почувствувал длабоката и искрена нежност на сопственото срце кон својот првороден син, дури тогаш стекнал драгоцено и вистинско сознанание за чудесната Божја љубов покажана во тоа што го дал својот Син за спасение на луѓето, и за довербата што треба да ја имаат Божјите деца во својот небесен

Татко. Бесконечната и необјаснива Божја љубов станала предмет на негово деноноќно проучување и со сиот жар на својата душа настојувал таа љубов да им ја открие на луѓето меѓу кои живеел.

Енох одел со Бога не во некаков занес или во мечта, туку во 85
реалните должности на секојдневниот живот. Не се претворил во пустиник, кој се изделувал од сиот свет, зашто имал задача што му ја дал Бог да ја изврши меѓу луѓето. Во семејството и во контактирањето со другите луѓе, како сопруг и татко, како пријател и граѓанин, секогаш бил и останал цврст, непоколеблив слуга Божји.

Неговото срце било во целосна хармонија со Божјата волја зашто, „можат ли двајца да одат заедно ако не се договорат“ (Амос 3,3). А тоа свето патување траело триста години. Малку има христијани кои не би биле многу посериозни и повеќе побожни отколку што се кога би знаеле дека им преостануваат уште малку денови од животот или дека Христовото доаѓање е непосредно пред врата. Меѓутоа, верата на Еноха - додека поминувале цели векови - се зголемувала и се засилувала а неговата љубов била посесрдна.

Енох бил човек со силен ум, со високо развиена свест и располагал со многу знаење; бил почестен со посебни Божји откровенија, па сепак, одржувајќи постојана врска со Небото и сфаќајќи ја божествената големина и совршенство во однос на себе, бил еден од најпонизните меѓу луѓето. Колку поинтимна била неговата поврзаност со Бога, сè подлабоко ја чувствувал сопствената слабост и несовршенство.

Потиштен поради сè поголемата плима на безбожност и зло и стравувајќи нивното неверство да не ја намали и неговата страхопочит кон Бога, Енох го одбегнувал дружењето со нив, и многу време поминувал насамо, оддавајќи се на размислување и молитва. Така тој одел со Бога, стремејќи се што појасно да ја сфати неговата волја за да може да ја исполни. Молитвата за него била дишење на душата; живеел во вистинска небесна атмосфера.

Преку светите ангели Бог на Еноха му ја открил својата намера да го уништи светот со потоп, а исто така му го открил уште појасно и поцелосно планот на откупувањето. Со духот на пророштвото бил пренесен во поколенијата на иднината кои требало да живеат по потопот и покажани му се големите настани во врска со второто Христово доаѓање и со крајот на светот.

Еноха го вознемирувало и го мачело прашањето во врска со состојбата во која се наоѓаат мртвите. Му се чинело дека праведните, исто како и грешните, се претвораат во прав и дека тоа им е крај. Не можел да го согледа животот од другата страна на гробот. Во пророчка визија му била прикажана Христовата смрт и покажано му е како Тој во сета своја слава, придружуван од

86 сите свети ангели, повторно доаѓа да ги ослободи своите верни од гробот. Видел исто така дека во времето на повторното Христово доаѓање во светот ќе владее голема расипаност, дека тоа ќе биде поколение разуздано, неумерено и самоволно, луѓе кои ќе се откажуваат од вистинскиот Бог и Господ Исус Христос, газејќи го неговиот закон под нозе и презирајќи ја жртвата на страдање и помирување. Видел дека праведниците ќе бидат крунисани со слава и чест, додека безбожниците, отфрлени пред Божјето лице, ќе ги уништи оган.

Објавувајќи му го на народот она што му го открил Бог, Енох станал проповедник на правдата. Оние што се боеле од Бога, го барале овој свет човек да ги поучи и заедно со него да се помолат на Бога. Тој и јавно работел така што Божјите упатства им ги пренесувал на сите што биле готови да ги слушаат неговите опомени. Неговите напори не се ограничувале само на потомците на Сит. Во земјата во која побегнал Каин, сакајќи да се скрие од божественото присуство, пророкот ги објавувал чудесните сцени што му биле покажани во визија: „Ете“, велел тој, „иде Господ со илјадници свои свети ангели за да изрече суд над сите и да ги изобличи сите безбожници за сите нивни нечесни дела“ (Посланието на Јуда, стихови 14,15).

Тој бестрашно го укорувал гревот. Додека на луѓето на своето време им проповедал за Божјата љубов откриена во Христа, ги повикувал да се вратат од своите лоши патишта, го подигал својот глас против беззаконието што се ширело како плима и ги предупредувал луѓето на своето поколение дека грешниците сигурно ќе ги стигне казна. Преку Еноха зборувал Христовиот дух кој не се покажува само во изразите на љубов, на милосрдие и преколнување. Светите луѓе не го зборуваат само она што на луѓето им се допаѓа. Бог ги става во срцето и во устата на своите весници и оние вистини што се остри и продорни како меч со две острици.

Оние што го слушале, почувствувале дека преку неговиот слуга дејствува Божјата сила. Некои ја прифатиле опомената и се откажале од своите гревови, но повеќето од нив ја исмевале свечената порака и уште порешително продолжиле по својот пат. Божјите слуги во овие последни денови мора да му објавуваат слична порака на светот, и тие исто така ќе наидуваат на неверување и исмевање. Претпотопниот свет ги отфрлил опомените на оној што се дружел со Бога. На ист начин ќе постапуваат и луѓето на последната генерација со светлината што ќе им ја донесат Господовите весници.

Иако животот на Еноха бил исполнет со неуморна дејност, тој сепак истрајно одржувал врска со Бога во молитва. До колку

неговата задача била поголема и поитна, неговите молитви станувале поистрајни и посесрдни. Повремено потполно се повлекувал од друштвото. Откако извесно време би се задржал меѓу луѓето 87
работејќи за нив со поуки и со пример, повторно би се повлекувал во самотија, чувствувајќи глад и жед за божествено знаење што можел да го даде само Бог. Одржувајќи на тој начин постојана врска со Бога, Енох сè повеќе и повеќе претставувал отсјај на божествениот лик. Неговото лице зрачело света светлина, онаа светлина што свети од лицето на Исуса Христа. Секогаш кога би се враќал од една таква заедница со Бога, дури и оние кои не биле побожни, со страхопочит би го забележувале небесниот отпечаток на неговото лице.

Расипаноста на луѓето ескалирала до таа мера, што морале да бидат осудени на пропаст и уништување. Како која година поминувала, плимата на човечките гревови и беззаконија сè повеќе надоаѓала, а темните облаци на божествениот суд и казна станувале сè поцрни и погусти. Сепак Енох - сведок на верата - истрајно се придржувал кон својот пат, предупредувајќи, преколнувајќи и поучувајќи - трудејќи се да ги запре плимата на беззаконието и стрелите на одмаздата. Иако грешните луѓе, исполнети со желба за задоволства и уживање, се оглушиле на неговите опомени и ги презреле, неговото сведоштво од Бога било признато и ценето. Тој не престанал да се бори против злото кое сè повеќе се засилувало, сè додека Бог не го пренел од овој грешен свет во чистата радост на небото.

Неговото поколение го сметало за луд оној кој не се трудел да собира злато и сребро, ниту да стекне имот на овој свет. Но срцето на Еноха се стремело кон вечното и непропадливо богатство. Неговиот поглед бил насочен кон небесниот град. Тој го гледал Царот во сета негова красота и слава како седи среде Сион. Неговите мисли, неговите разговори и неговото срце - сето тоа било насочено кон небото.

Како беззаконието постојано се зголемувало, сè посесрден бил неговиот копнеж за Божјиот дом. Иако сè уште се наоѓал на земјата, тој со вера живеел во царството на светлината.

„Блазе на оние кои имаат чисто срце, зашто ќе го видат Бога“ (Матеј 5,8). Триста години Енох се трудел да има чисто срце за да биде во хармонија со небото. Три столетија се дружел со Бога. Од ден на ден настојувал да има сè потесно единство и врска со Бога; дружењето станувало сè поинтимно додека Бог не го зел кај себе. Тој стоел на прагот на вечниот свет; меѓу него и земјата на блаженството постоел само еден чекор. И тогаш вратата се отворила, дружењето со Бога, што траело толку долго на земјата,

продолжило и тој поминал низ вратата на светиот град - прв меѓу луѓето што влегол таму.

88 Неговото заминување на земјата се почувствувало како голема загуба. Исчезнал гласот кој секој ден поучувал и опоменувал. Имало поединци и од праведниците и од безбожниците кои биле очевидци кога тој заминал; и тие, надевајќи се дека се повлекол на некое од оние места на кои обично се повлекувал, ревносно трагале по него, исто како и подоцна пророчките синови што го барале Илија, но без успех. Донеле извештај дека исчезнал, зашто го зел Бог.

Со вознесувањето на Еноха Бог имал намера да даде една значајна поука. Постоела опасност луѓето, поради страшните последици на Адамовиот престап, да паднат во малодушност и да се обесхрабрат. Мнозина биле готови да извикнат: „Каква полза имаме од тоа што се боиме од Бога и ги држиме неговите заповеди кога целиот човечки род го притиска проклетство, а смртта на сите нас ни е заедничка судбина?“ Но оние поуки што му ги дал Бог на Адама, а што ги повторувал Сит и ги потврдувал Енох со личен пример, ја растерале темнината и мрачната неизвесност, и на луѓето им дале надеж - како преку Адама што дошла смртта - така преку ветениот Искупител ќе дојде живот и бесмртност. Сатаната упорно се трудел на луѓето да им наметне верување дека за праведниот нема награда ниту за безбожниот казна и дека луѓето не се во состојба да се придржуваат кон божествените прописи. Меѓутоа, случајот на Еноха потврдува дека „има Бог и дека им плаќа на оние што го бараат“ (Евреите 11,6). Тој покажува што сè Бог е готов да стори за оние што ги држат неговите заповеди. Тој на луѓето им дава поука дека е можно да се држат Божјите закони и дека дури и тогаш, кога се опкружени со грешници и со расипани луѓе, со Божја милост можат да му се противстават на искушението и да останат чисти и свети. Во неговиот пример луѓето можеле да видат колку е благословен еден таков живот, а неговото вознесување претставува очигледен доказ за вистинитоста на неговото пророштво во врска со иднината кога послушните ќе бидат наградени со радост, со слава и со бесмртност, а престапниците со пресуда - со маки и смрт.

„Преку верата Енох беше преселен за да не види смрт... зашто пред преселувањето тој доби сведоштво дека му угодил на Бога“ (Евреите 11,5). На светот, кој поради своето беззаконие бил осуден на пропаст, Енох одржувал таква постојана заедница со Бога, што не било дозволено тој да падне под власт на смртта. Карактерот на побожноста на овој пророк ја прикажува состојбата на светоста што мора да ја досегнат оние кои при повторното Христово доаѓање ќе бидат „откупени од земјата“ (Откровение 14,3). Тогаш, како

што било пред потопот, беззаконието ќе се умножи. Следејќи ги желбите на своето изопачено срце и учењето на измамната филозофија, луѓето ќе се побунат против небесниот авторитет. Меѓутоа, Божјиот народ, како и Енох во свое време, ќе се стреми кон чистота на срцето и кон прифаќање на Божјата волја сè додека во нив не се види потполно Христовиот лик. Слично на Еноха, тие ќе му обрнуваат внимание на светот на повторното Христово доаѓање и на казните што ќе ги снајдат престапниците, а со своите свети зборови и со својот живот ќе ги осудат гревовите на непокајаните. Како Енох што се вознел на небото пред светот да биде уништен со вода, така праведниците живи ќе бидат земени од земјата пред таа да биде уништена со оган. Апостолот кажува: „Еве, тајна ви кажувам, сите нема да умреме, но сите ќе се преобразиме, одеднаш во еден миг, при последната труба; ќе затруби, и мртвите во Христа ќе воскреснат нераспадливи, а ние ќе се преобразиме“ (1. Коринќаните 15,51.52). „И најнапред ќе воскреснат мртвите во Христа, а потоа ние, што сме останале живи, заедно со нив ќе бидеме грабнати на облаците за да се сретнеме со Господа во воздухот, и така секогаш ќе бидеме со Господа. Па затоа, утешувајте се еден со друг со тие зборови“ (1. Солуњаните 4,16-18). 89

7

# ПОТОП

*Оваа ӣлава е засновава на 1. Мојсеева 6 и 7 ӣлава*

Во времето на Ное земјата ја притискало двојно проклетство - последиците на Адамовиот престап и братоубиственото злосторство што го извршил Каин. Сепак, тоа не го изменило многу надворешниот изглед на природата. Очиглени знаци на распаѓање и пропаст постоеле, но земјата сè уште била убава и богата со даровите на Божјето провидение. Ритчињата биле крунисани со величествени стебла на дрвја на кои виселе винови лози под товарот на својот плод. Пространите долини, слични на Едемската градина, биле прекриени со бујно зеленило и дишеле со пријатен мирис на иљадници цветови. Земните плодови биле разновидни и речиси безбројни. Тогашните стебла по својата убавина, големина и совршен сразмер далеку ги надминувале денешните. Нивното ткиво било составено од фини влакна и маса цврста како камен. Злато, сребро и драги камења имало во изобилство на сите страни.

Човечкиот род сè уште имал многу од својата првобитна сила. Поминале само неколку генерации од онаа епоха кога Адам смеел да пристапи кон дрвото што го продолжувало животот, па човечкиот век сè уште траел по неколку стотици години. Кога тогашните долговечни луѓе, со својата исклучителна сила и способност да планираат и да извршуваат би се посветиле на служба на Бога, тие неговото име би го прославиле на земјата и би ја оствариле целта поради која Тој им го подарил животот. Но тие пропуштиле да го сторат тоа. Во тоа време имало многу џинови, луѓе со висок раст и сила, прочуени по својата мудрост, остроумни да пронајдат и да реализираат најразновидни и најчудесни изуми. Меѓутоа, и нивната кривица што не го зауздувале ширењето на беззаконието била исто толку голема колку и нивниот талент и нивните умни способности.

На тие претпотопни луѓе Бог им дал и многу богати дарови, но тие ги искористиле за да се прославаат себеси и истите ги прет-

вориле во проклетство, обожавајќи ги даровите наместо Дародавецот. Златото, среброто, скапоцените камење и скапоценото дрво ги употребувале градејќи од нив себеси станови и се труделе да се надминат еден со друг во украсувањето на своите куќи со најскапоцени трудови и дела. Се стремеле само кон тоа да ги задоволат 91
желбите на своето горделиво срце и тонеле во сцени на уживања и беззаконија. Бидејќи не се труделе да го сочуваат Бога во својата свест, набргу почнале да го откажуваат и неговото постоење. Ја обожавале природата наместо Бога кој ја создал природата. Ја обожавале човековата генијалност, им се молеле на делата на своите сопствени раце и ги учеле своите деца да се клањаат на кипови.

Во зелените полиња и под сенките на прекрасните раскошни стебла им подигале олтари на своите идоли. Пространите кории, кои преку цела година биле зелени, биле посветени на обожавање на лажни богови. Тие шумички прераснувале во прекрасни градини чиишто долги кривулести патеки биле начичкани со секојвидни плодоносни дрвја, украсени со извајани кипови на идоли и преполни со сè што го насладувало умот и што можело да послужи како мамка за сетилните желби на народот и за воведување во идолопоклонство.

Луѓето го заборавиле Бога и се молеле на измислици што самите ги создале, и поради тоа сè подлабоко тонеле во зло. Дејството што го има обожавањето на идолот врз својот поклоник, псалмистот го опишува со следните зборови: „Такви се и оние што ги прават и сите што се надеваат во нив“ (Псалм 115,8). Таков е законот на човечкиот ум - човекот со посматрање се менува (преобразува) во она што го гледа. Човекот не се издигнува над границите до кои допираат неговите претстави и поими за вистината, за чистотата и светоста. Ако умот никогаш не се издигне над она што е само човечко, ако тој не се издигне со вера до рамниште на длабоко размислување за бесконечната мудрост и љубов, човекот постојано ќе паѓа сè подлабоко и подлабоко. Поклониците на лажните богови на своите божества им придавале човечки особини и страсти; така, она што го сметале за мерило и пример на карактерот, е спуштено до сличност со склоностите на грешниот човек. Поради тоа и се предавале на скврнавење.

„Виде Господ колку е голема расипаноста на човекот на земјата и дека секоја помисла во неговата памет постојано само зла... А земјата се израсипа пред лицето на Бога, и се наполни со неправда“ (1. Мојсеева 6,5.11). Бог на човекот му дал заповеди да му служат како патоказ во животот, но неговиот закон е погазен, а последица на тоа е појава на сите можни гревови. Расипаноста и беззаконието, на кои луѓето отворено им се предавале, надминале секоја мера;

правдата е погазена и фрлена во прав, а до небото се издигнувало пекање на угнетените.

Наспроти забраната што ја дал Господ уште на почетокот, многуженството било рано воведено. Господ на Адама му дал
92 една жена и со тоа ја покажал својата волја во тој поглед. Меѓутоа, човекот по паѓањето во грев се раководел од своите грешни страсти и желби и поради тоа брзо се шителе беззаконието, расипаноста и бедата. Не се почитувала ниту брачната врска ниту правото на своина. Секој што би ја посакал жената или имотот на својот ближен, би го отимал тоа насилно, и луѓето триумфирале во своите насилнички постапки и во постапките на сквернавење. Се насладувале убивајќи ги животните, а употребата на месо како храна ги правела уште посвирепи и покрволочни, додека еден ден не станале вчудовидувачки рамнодушни и кон човечкиот живот.

Светот бил во периодот на своето детство, а сепак беззаконието било толку длабоко и толку распространето, што Бог не можел повеќе да го поднесува, и затоа рекол: „Ќе ги истребам од земјата луѓето што ги создадов.“ Бог изјавил дека неговиот дух нема довека да се бори со грешните луѓе. Ако не престанат да ја сквернават земјата и нејзините богатства со своите гревови, ќе ги истреби од своето создавање и ќе го уништи сето она што со задоволство го создал за да им служи на благослов; ќе го уништи сиот животински свет и сета вегетација која давала толкаво изобилство храна за сите, а прекрасната земја ќе ја претвори во огромна пустина и во урнатини.

Среде сè поголемата изопаченост, Матусал, Ное и многу други, се труделе да го сочуваат знаењето за вистинскиот Бог и да го задржат поројот на моралното опаѓање и на злото. Сто дваесет години пред потопот, Господ својата намера му ја најавил на Ное преку еден свет ангел и го упатил да прави ковчег. За време на градењето на ковчегот, Ное требало да проповеда дека Господ ќе пушти потоп на земјата да ги уништи безбожниците. На оние што ќе поверуваат во оваа порака и со покајание и реформа ќе се приготват за тој настан, требало да им биде простено и да бидат спасени. Енох им го повторувал на своите потомци она што му го открил Бог во врска со потопот, а Матусал и неговите синови, кои уште биле живи, ги слушале проповедите на Ное и помагале при градењето на ковчегот.

Бог на Ное му ги дал точните димензии на бродот и изрични упатства во врска со неговата конструкција во сите подробности. Човечката мудрост не би можела да измисли градба со толку голема сила и издржливост. Бог бил проектант, а Ное само изведувач на работите. Долниот дел на ковчегот бил сличен на труп на брод, но

во извесни подробности ковчегот повеќе личел на куќа. Бил висок три ката, но имал само една врата која била поставена странично. 95 Светлина доаѓала озгора; просториите биле така распоредени, што сите биле добро осветлени. За градењето на ковчегот било употребено чемпресово дрво или гофер, дрво кое со векови ја одржувало својата цврстина и не гниело. Градењето на толку голема конструкција било долго и напорно. Со оглед на големината и на другите особини на тогашното дрво, за неговата обработка била потребна значително поголема сила и повеќе труд отколку што бара обработката на дрвото во наше време, иако тогашните луѓе биле многу посилни. Луѓето сториле сè што било во нивна моќ за ова дело да биде совршено. Сепак, ковчегот сам по себе не би можел да ѝ одолее на бурата што требало да се урне врз земјата. Само Бог можел да ги спаси своите слуги на вознемирените бранови на силната вода.

„Преку вера Ное, откако доби откровение за она што уште не се гледаше, со послушност го направи ковчегот за да го спаси својот дом; преку неа тој го осуди светот и стана наследник на праведноста по вера“ (Евреите 11,7). Додека Ное му ја објавувал на светот опомената, неговите дела сведочеле за неговата искреност. На тој начин неговата вера е усовршена и станала очигледна. На светот со личен пример му покажал дека тој навистина верува во она што го кажал Бог. Сè што имал вложил во градењето на ковчегот. Кога почнал да го гради огромниот брод на сува земја, од сите страни доаѓале луѓе да ја видат оваа необична и до тогаш невидена сцена и да ги слушнат огнените зборови на чудниот проповедник. Секој удар при градењето на ковчегот за народот бил по едно сведоштво.

Од почеток изгледало дека мнозина ја прифатиле опомената, но сепак не се обратиле кон Бога ниту пак вистински се покајале. Тие не биле готови да се откажат од своите гревови. Во текот на времето што преостанало до потопот, нивната вера била ставена на проверка, но не се одржале до крај. Совладани од неверството што сè повеќе се засилувало, најпосле тие му се придружиле на дотогашното друштво и заедно со нив ја отфрлиле свечената опомена. Некои биле длабоко осведочени и би ја прифатиле опомената, но имало толку многу такви кои се подбивале и се исмевале, што и тие најпосле му подлегнале на истиот дух, му се противставиле на повикот на милоста и набргу се нашле меѓу најдрските и најбезочните потсмевачи; а никој не е толку безобѕирен и не му се предава на гревот до таа мера како оние кои еднаш ја имале светлината, па му се противставиле на Божјиот Дух кој може да ја убеди и да ја осведочи душата.

Сите луѓе на тоа поколение не биле идолопоклоници во полна
96 смисла на зборот. Мнозина тврделе дека му служат на Бога. Тврделе дека нивните идоли се само видлива претстава на божеството и дека со нивна помош луѓето можат да стекнат појасен поим за Божјето битие. Тие биле најистакнати во отфрлањето на пораката на Ное. Настојувајќи Бога да го претстават со материјални, опипливи средства, не биле во состојба да го увидат неговото вистинско величество и моќ. Не можеле да ја сфатат повеќе светоста на неговиот карактер како ни светоста и непроменливоста на неговата природа и на неговите закони. Колку повеќе гревот се ширел, сѐ помалку ја увидувале неговата тежина и најпосле почнале да тврдат дека Божјиот закон не е веќе во сила; тврделе дека казнувањето на престапниците е спротивно на Божјиот карактер и го побивале тврдењето дека земјата ќе ја снајде негова казна. Кога луѓето на тогашното поколение би ги прифатиле божествените закони, би го препознале Божјиот глас во опомените на неговиот слуга. Но нивниот ум во толкава мера бил затемнет поради отфрлањето на светлината, што навистина биле убедени дека опомената на Ное е само една измама.

На страна на правдата не се наоѓало мнозинството ниту воопшто многу приврзаници. Сиот свет застанал против Божјата правда и против неговите закони, а Ное го сметале за фанатик. Кога сатаната ја наговарал Ева на непослушност кон Бога, ѝ рекол: „Нема вие да умрете“ (1. Мојсеева 3,4). Големите и мудри луѓе, луѓето кои во светот биле почитувани и ценети, го повторувале истото тоа. „Божјите закани“, велеле тие, „имаат за цел само да нѐ заплашат, но никогаш нема да се овистинат. Не треба да се вознемируваме. Никогаш нема да се случи Бог да ја уништи земјата која е дело на неговите раце и така да ги казни суштествата што самиот ги создал. Бидете спокојни и не плашете се. Ное е необичен фанатик“. Светот ја исмевал „глупоста“ на прелаганиот старец. Наместо да го понизат срцето пред Бога, тие и натаму останале непослушни и во беззаконие, како Бог ништо да не им проговорил преку својот слуга.

Но Ное стоел како карпа среде луна. Опкружен со сеопшт презир и со исмевање, се истакнал со својата чесност и непоколебливост во верата. Неговите зборови ги придружувала некаква сила, зашто тоа бил Божји глас упатен до луѓето преку неговиот слуга. Неговата поврзаност со Бога му давала бесконечна моќ и сила за сето време од сто и дваесет години, додека неговиот свечен глас го опоменувал тогашното поколение, навестувајќи ги настаните кои, според проценката на тогашната човечка мудрост, биле неможни.

Претпотопниот свет знаел дека законите на природата со векови не се менувале. Годишните времиња се сменувале секогаш
во одредено време. Дотогаш не паѓал дожд; земјата ја квасела роса 97
или еден вид магла. Реките никогаш не се излевале, туку безбедно ја носеле водата в море. Непроменливите закони ги задржувале големите води да не се излеат од своите корита. Но луѓето кои резонирале така не го признавале и не го ценеле Оној чијашто рака ги собрала водите и која постојано ги задржува, велејќи: „Довде ќе доаѓаш, а понатаму не“ (Книгата за Јов 38,11).

Бидејќи поминувале децении и децении, а во природата не настанале никакви промени, луѓето, чиишто срца извесно време трепереле од страв, повторно почнале да се утврдуваат во своето поранешно неверство. Помислувале, како и денеска мнозина што мислат, дека природата е над Бога и дека нејзините закони се толку постојани, што дури ни Бог не може да ги измени. Дошле до заклучок дека - доколку пораката на Ное е точна - во природата мора да настане нарушување, и врз основа на тоа пораката пред очите на светот ја прикажале како привид и голема измама. Својот презир кон Божјата опомена го покажувале така што и понатаму живееле онака како и пред тоа. И понатаму продолжиле со своите забави и разуздани гозби. Јаделе и пиеле, саделе и граделе, правејќи планови за успеси на кои се надевале во иднината. Во своето беззаконие и расипаност оделе уште подалеку и пркосно ги газеле Божјите закони за да покажат како немаат страв од Семожниот. Тврделе дека, доколку би било вистина тоа што го зборува Ное, истото сигурно би го сфатиле прочуените, славни и големи мудреци на светот.

Кога жителите на претпотопниот свет би поверувале, кога би ја прифатиле опомената и би се покајале за своите лоши дела, Господ би го повлекол својот гнев и би ги поштедил, како подоцна што сторил со жителите на Ниневија. Но бидејќи упорно му се противеле на гласот на совеста и на опомените на Божјиот пророк, тогашното поколение ја надминало мерката на беззаконие и созреало за уништување.

Времето на милоста и проверка што им било оставено се ближело кон крај. Ное верно се придржувал кон поуката што ја примил од Бога. Ковчегот бил завршен во сите подробности, онака како што заповедал Господ, и бил снабден со храна и за луѓето и за животните. Тогаш Божјиот слуга му упатил на народот последен свечен повик. Со болка и со сесрдност што не може да се искаже со зборови, ги преколнувал да побараат прибежиште додека уште може да се најде. Тие повторно ги отфрлиле неговите зборови, го исмевале и му се подбивале. Но, одненадеж, среде исмевањето, толпата потсмевачи замолкнала. Се видело како од планините и

од шумите се спуштаат животни од секој вид, од најдивите до најпитомите и мирно се упатуваат кон ковчегот. Се слушнал шум
98 сличен на ветер, кој со своите крилја го создавале птиците, доаѓајќи од сите страни. Биле толку многубројни, што го затемниле небото, но во совршен ред се приближувале кон ковчегот. Ж ивотните ја слушале Божјата заповед, додека луѓето останале непослушни. Предводени од светите ангели, и животните и птиците влегувале „во ковчегот сите по две, машко и женско, како што му заповеда Бог на Ное“, а од чистите животни влегле по седум. Светот ова го посматрал со чудење, а некои и со страв. Повикани се филозофите да ја објаснат оваа единствена и необична појава, но напразно. Тоа била тајна во која тие не можеле да проникнат. Меѓутоа, луѓето со своето упорно отфрлање на светлината станале толку окоравени, што и оваа сцена врз нив оставила само краткотраен впечаток. Посматрајќи го сонцето како и понатаму свети со својата убавина, и речиси како Едем украсената земја, осуденото поколение со бучна веселба го потискувало разбудениот страв, а со своите дела на сквернавење како да сакало уште повеќе да ја предизвика најавената казна на веќе разгневениот Бог.

Бог му заповедал на Ное: „Влези во ковчегот ти и сиот твој дом, зашто увидов дека ти си единствен праведен пред мене во ова време.“ Светот ги отфрлил опомените на Ное, но неговото влијание и пример му послужиле на благослов на неговото семејство. Како награда за неговата верност и исправност, Бог заедно со него ги спасил и сите членови на неговото семејство. Какво охрабрување за родителската верност!

Милоста престанала да се залага за грешниот род. Сите копнени животни и небесните птици го зазеле своето место во засолништето. Во ковчегот влегол Ное со своето семејство „па Господ ја затвори вратата зад нив“. Светнал блесок со заслепувачка светлина, а светол облак, посилен од молња, се спуштил од небото и го обвил влезот во ковчегот. Масивната врата, која оние однатре во никој случај не би можеле да ја затворат, полека се поткренала и е затворена со невидливи раце. Ное бил во засолништето, а сите што ја отфрлиле Божјата милост, останале надвор. На вратата на ковчегот се наоѓал небесен печат; сам Бог ја затворил и само Тој можел да ја отвори. Така, кога Христос ќе престане да посредува за грешниот човек, пред повторно да дојде на небесните облаци, и вратата на милоста ќе биде затворена. Тогаш божествената милост нема повеќе да ги зауздува безбожниците, и сатаната ќе има неограничена власт над сите што го отфрлиле понуденото милосрдие. Тие ќе настојуваат да го уништат Божјиот народ, но, како

Ное што бил затворен во ковчегот, така и праведниците ќе бидат заштитени со божествената сила.

Седум дена по влегувањето на Ное и на неговото семејство во ковчегот, не се покажал никаков знак дека се приближува луња. Во 99
тоа време нивната вера била ставена на проверка. Другиот свет, кој се наоѓал надвор од ковчегот, ликувал. Привидното одложување ги зацврстило во убедувањето дека пораката на Ное била лажна и дека никогаш нема да дојде потоп. Иако ги гледале животните и птиците како влегуваат во ковчегот и како Божји ангел ја затвора вратата - тие и понатаму продолжиле да се забавуваат и бучно да се веселат и да ја исмеваат видливата манифестација на Божјата сила. Се собирале во толпи околу ковчегот, исмевајќи и навредувајќи ги оние што се наоѓале во него толку смело и дрско, како што не се осмелиле никогаш порано.

Но осмиот ден небото го прекриле црни облаци. По зачестеното молскање на светкавици, уследил силен грмеж. Набргу почнале да паѓаат крупни капки дожд. Такво нешто светот до тогаш не видел, па срцата на луѓето почнале да трепераат од страв. Сите потајно се прашувале: „Зар е можно? Зар Ное навистина имаше право кога тврдеше дека светот е осуден на уништување?“ Небото станувало сè потемно, и паѓал сè посилен дожд. На сите страни се слушало рикање и виење на животни кои завивале во див страв, а нивните невообичаени крици потсетувале на жално и болно редење над нивната судбина и над катастрофата што ги снашла луѓето. „Тој ден се отворија сите извори на големата бездна и прснаа сите небесни брани.“ Паѓал невообичаен пороен дожд - на земјата се истурале огромни количества вода како силни водопади. Реките се излевале од своите корита и ги плавеле долините. Огромни млазеви вода избивале и од земјата и со неопишана сила исфрлале масивни карпи стотици метри во височина кои при паѓањето длабоко се забивале во земјата.

Луѓето прво посматрале како пропаѓаат творбите на нивните раце. Молњи од небото ги разурнувале нивните сјајни градби, прекрасните градини и кории во кои биле сместени нивните идоли, а парчосаните урнатини летале на сите страни. Биле разурнати и олтарите на кои на боговите им биле жртвувани и човечки суштества, а поклониците затрепериле пред силата на живиот Бог и увиделе дека со својата расипаност и со своето идолопоклонство предизвикале сопствена пропаст.

Луњата се засилувала и во таа фортуна како играчки летале и исчезнувале градби, стебла на дрвја, карпи и разни предмети. Стравот на луѓето и на животните станал неопишан. Татнежот на бурата ги надвивал пискотите на народот кој го презрел Божјиот

авторитет. И сатаната лично, кој бил присилен да остане среде завојуваните елементи и силите на стихијата, стравувал за својот опстанок. Тој уживал во тоа да владее над еден толку силен род (како што биле претпотопните луѓе) и сакал тие да живеат за да продолжат со своите гнасни дела и со бунтот против небесниот Владетел. Сега го преколнувал Бога, обвинувајќи го за неправда
100 и свирепост. Мнозина од луѓето, како и сатаната, го хулеле Бога и, кога би можеле, би го отфрлиле од престолот на семоќта. Други пак, обезумени од страв, ги подавале рацете кон ковчегот, преколнувајќи да бидат пуштени внатре. Но сите нивни молби биле напразни. Совеста најпосле им се разбудила и спознале дека постои Бог кој владее на небото. Најсесрдно го призивале, но неговите уши останале затворени за нивното пекање. Во тој страшен час увиделе дека нивната пропаст ја предизвикал престапот на законот. Па сепак, додека го признавале својот грев само од страв од казната, не почувствувале вистинско каење ниту одвратност кон злото. Кога казната би била отстранета, тие повторно би се вратиле на својот стар пркос кон Небото. Исто така, кога Божјите казни ќе се урнат врз земјата пред таа да биде уништена со оган, непокајаните мошне добро ќе знаат кога и во што грешеле, занемарувајќи го светиот Божји закон; сепак, нема да почувствуваат поискрено жалење и каење одошто грешниците на претпотопниот свет.

Некои очајно се обидувале со сила да влезат во ковчегот, но цврсто изградената структура одолевала на нивните обиди. Други се фаќале за ковчегот додека побеснетите бранови не ги однеле, или пак биле оттргнати и смачкани со удар во некоја карпа или дрво покрај кои поминувал ковчегот. Масивниот ковчег затреперувал во сите свои спојки, додека луњавите ветрови немилосрдно го шибале и го фрлале од еден на друг бран. Криците на животните што се наоѓале во него зборувале за нивниот страв и вознемиреност. Но среде побеснетите стихии што се судирале меѓусебно, ковчегот продолжувал сигурно да плови. На ангелите, кои се ненадминати во силата, им било наредено да го чуваат и да го штитат.

А надвор, гонети од луњата, животните ги нагрвалувале луѓето како од нив да очекуваат некаква помош. Некои луѓе ги врзувале своите деца и себеси за големите и силни животни, зашто знаеле дека тие се мошне отпорни во борбата за живот и дека ќе се искачат на највисоките врвови за да го избегнат давењето во водата која постојано надоаѓала. Други пак се качувале на високите стебла на дрвјата на горите и на планинските врвови, но стеблата биле искорнати сосе корен и заедно со својот жив товар фрлени во побеснетите бранови. Едно по едно местата им откажувале помош и морале да ги напуштаат. Бидејќи водата сè повеќе надоаѓала,

луѓето побарале прибежиште на врвовите од највисоките планини. Често луѓето и животните се бореле меѓусебно за некакво малечко место каде што одвај би можеле да стапнат со нога на цврста почва, додека брановите не би ги голтнале.

Од највисоките врвови луѓето гледале бескраен океан што ги опкружувал од сите страни. Свечените опомени на Божјиот слуга не биле веќе предмет на исмевање и подбив. Колку многу тие осудени грешници сега копнееле за приликата и можноста што толку долго ги омаловажувале и пропуштиле! Колку силно преколнувале
времето на проверка да им се продолжи само за уште еден час, само 101
уште еднаш да им се укаже милост, да слушнат само уште еден повик од усните на Ное! Но не можеле веќе да го слушнат слаткиот глас на милосрдие. Љубовта, ништо помалечка отколку правдата, барала со Божја казна да му се стави крај на гревот. Брановите на одмаздата го преплавиле и последното прибежиште, а сите што го презреле Бога загинале во морничаво мрачните длабини.

„... Со силата на Божјата реч... тогашниот свет загина, потопен со вода. А сегашните небеса и земјата, пазени од истата Реч, се чуваат за оган во денот на судот и погибелта на нечестивите луѓе“ (2. Петрово 3, 5-7).

Се приближува друга катастрофа. Со гнев на опустување, Бог уште еднаш ќе ја очисти земјата, а гревот и грешниците ќе бидат уништени.

Гревовите, поради кои Бог го казнил претпотопниот свет, постојат и денеска. Страхопочитта кон Бога исчезнала од срцата на луѓето, а неговиот закон го гледаат рамнодушно и со презир. Видливата и незауздана склоност кон земните уживања, толку карактеристична за претпотопниот свет, во иста мера ја покажува и денешната генерација. Христос кажува: „Како што луѓето јадеа и пиеја, се женеа и се мажеа во времето што му претходеше на потопот, и тоа сè до денот кога Ное влезе во ковчегот, без да насетат што и да е додека не дојде потоп и однесе сè, така ќе биде и пред да дојде Синот човечки“ (Матеј 24,38.39). Бог не ги осудил претпотопните луѓе затоа што јаделе и пиеле. Тој им дал земни плодови во големо изобилство за да ги задоволат своите секојдневни потреби. Нивниот грев се состоел во тоа што, користејќи ги тие дарови, не му биле благодарни на Дародавецот и што се понижувале со неограничено попуштање на апетитот. Со закон им било дозволено да се женат и да се мажат. Бракот е божествена установа, една од првите во поредокот што го воспоставил Бог. Тој за оваа установа дал посебни упатства и ја облекол во светост и убавина; но тие упатства се заборавени и бракот е изопачен до таа мера што служел само за задоволување на сетилните страсти.

Слична состојба постои и денеска. Се претерува во сѐ што инаку е дозволено. На апетитот му се попушта без никакво ограничување. Оние што тврдат дека се Христови следбеници јадат и пијат со пијаниците, додека нивните имиња стојат во црковните книги на почесно место. Неумереноста ги умртвува моралните и духовните сили и го приготвува патот за задоволување на ниските страсти. Илјадници и илјадници не чувствуваат никаква морална обврска да ги зауздат своите сетилни желби и стануваат робови
102 на похотта и страстите. Луѓето живеат само заради сетилните уживања и само за овој свет и за овој земен живот. Претерување и неумереност ги проникнуваат сите општествени слоеви и ги преминуваат сите граници. Честитоста и чесноста им го отстапуваат местото на раскошот и распуштеноста. Оние што сакаат бргу да се збогатат ја извртуваат правдата и ги угнетуваат сиромасите, а сѐ уште се купуваат и се продаваат „телата и душите на луѓето“. Измами, поткупувања и кражби можат да се сретнат и во високите и во нижите општествени кругови, и никој не ги осудува. Весниците се полни со извештаи за убиства и злосторства, сторени толку ладнокрвно и без никаква причина, што се чини како да исчезнало секое чувство на човечност. А тие страводии станале толку обична појава, што одвај предизвикуваат осуда или чудење. Дух на анархија ги проникнува сите нации на светот, а буните и нередите што го потресуваат светот се само напластени огнени страсти и беззаконија кои, кога еднаш ќе се оттргнат од контролата и ограничувањето, ќе го преплават светот со беда и пустење. Сликата со која Вдахновението ја прикажува состојбата на претпотопниот свет премногу верно го прикажува она кон што денешното општество бргу оди во пресрет. Дури и денеска, во овој век, и тоа во земјите што се сметаат за христијански, секојдневно се случуваат злосторства црни и ужасни исто како и оние поради кои биле уништени грешниците на претпотопниот свет.

Пред потопот Бог го пратил Ное да ги предупреди жителите на светот за да се покаат и да ја одбегнат претстојната опасност. Бидејќи сега се приближило времето на Христовото повторно доаѓање, Бог ги праќа своите слуги да го предупредат светот да се приготви за тој голем настан. Огромни маси живеат во престап на Божјиот закон, и сега Бог милосливо ги повикува да живеат според неговите свети прописи. На сите што се готови со вера во Христа и со покајание пред Бога да ги отфрлат своите гревови, им се нуди проштавање. Меѓутоа, мнозина мислат дека отфрлањето на гревот бара голема жртва. Бидејќи нивниот живот не е во согласност со чистите начела на Божјето морално владеење, тие ја отфрлаат неговата опомена и го откажуваат авторитетот на неговиот закон.

Од целокупното мноштво жители што живееле на земјата пред потопот, само осум души поверувале и ја послушале Божјата реч упатена преку Ное. Сто и дваесет години овој проповедник на правдата го опоменувал светот и го предупредувал на претстојната пропаст, но неговата порака била презрена и отфрлена. Така ќе биде и сега. Пред да дојде големиот Законодавец со казна за непослушноста, престапниците ќе бидат опоменати да се покаат и да се одвратат од гревот; но, за мнозинството опомените ќе останат напразни. Апостол Петар кажува: „Најнапред знајте го тоа дека во последните дни ќе се јават подигрувачи, кои ќе живеат според 103
своите желби и ќе велат: 'Каде е ветувањето на неговото доаѓање? Оти, откако изумреа нашите татковци, сè си стои така, како од созданието на светот'“ (2. Петрово 3,3.4). Зар не допираат и до нашите уши истите зборови, и тоа не само од отворените неверници, туку и од мнозина кои излегуваат на проповедалните на нашата земја? (Писателот мисли на Соединетите Американски Држави, заб на прев.). „Нема причина за вознемиреност“, велат тие. „Пред да се појави Христос, ќе се обрати сиот свет, а праведниците ќе владеат илјада години. Мир е и нема од што да се плашиме. И понатаму сè тече онака како што било од почеток. Никој нека не се вознемирува со возбудувачките вести на тие злослутни весници.“

Но доктрината за илјадагодишно царство не се согласува со учењето на Христа и на неговите апостоли. Исус поставил значајно прашање: „Но кога ќе дојде Синот човечки дали ќе најде вера на земјата?“ (Лука 18,8). И, како што можевме да видиме од изложеното, Тој кажува дека состојбата на светот ќе биде исто онаква каква што била во деновите на Ное. Апостол Павле нè опоменува и нè предупредува дека, колку повеќе се приближува крајот, сè повеќе можеме да очекуваме и ширење на беззаконието. „А Духот јасно зборува дека во последните времиња некои ќе отстапат од верата, слушајќи измамливи духови и ѓаволски учења“ (1. Тимотеј 4,1). Тој исто така кажува дека „во последните денови ќе настанат тешки времиња“ (2. Тимотеј 3,1) и дава вчудовидувачки список на гревовите што ќе се најдат меѓу оние кои „на изглед се побожни“.

Кога времето на милоста за претпотопниот свет веќе поминало, луѓето сè уште се оддавале на возбудливи забави и на бучна веселба. Оние што имале влијание и власт, правеле сè што било во нивна моќ со цел умот на луѓето постојано да биде окупиран со задоволства и уживања, за последната свечена опомена да не трогне ничие срце. Зар во нашите денови не се повторува истото тоа пред нашите очи? Додека Божјите слуги ја објавуваат пораката дека крајот на светот е пред врата, светот целосно се оддава на задоволства и се стреми кон уживање. Возбудите што се нижат една

по друга луѓето ги прават рамнодушни кон Бога и ги спречуваат да го прифатат влијанието на вистината која единствено може да ги спаси од претстојното уништување.

Во времето на Ное световните мудреци тврделе дека уништување на светот со вода воопшто не е можно; така и денеска има луѓе од науката кои се обидуваат да докажат дека е неможно светот да биде уништен со оган - дека тоа е спротивно на законите на природата. Но Бог, кој ја создал природата, Оној кој ги создал нејзините закони и кој има власт над нив, може да ги употреби делата на своите раце да послужат за неговата цел.

Кога великаните и мудреците во тоа време ги убедиле луѓето
104 дека не е можно светот да биде уништен со вода, кога стравот на народот бил стивнат, кога пророштвото на Ное сите го сметале за заблуда, а него го гледале како фанатик - тогаш за Бога настапил вистинскиот миг. „Тој ден се отворија сите извори на големата бездна, и прснаа сите небесни брани", а подбивачите пропаднале во брановите на водата која преплавила сè. И покрај сета своја мудрост со која толку горделиво се фалеле, луѓето премногу доцна увиделе дека нивната мудрост всушност била лудост, дека Законодавецот на природата стои над законот на природата и дека Семожниот при остварувањето на своите намери не зависи од средствата. „Како што беше во деновите на Ное... така ќе биде и во деновите на Синот човечки" (Лука 17,26.30). „Ќе дојде денот Господов како крадец во ноќно време; тогаш небесата со голема бучава ќе ги снема, и стихиите ќе пламнат и ќе се разрушат, а земјата и сè што е на неа ќе изгорат" (2. Петрово 3,10).

Кога мислењата и заклучоците на филозофите ќе отстранат секој страв од Божја казна, кога вероучителите ќе толкуваат дека настапуваат долги векови на мир и благосостојба, и кога светот - наполно обземен од работите и од задоволствата, со сеење и со градење, со насладување и со јадење и пиење, со веселби и забави - ќе ги отфрли Божјите опомени и ќе ги исмее неговите весници, „тогаш одненадеж ќе се урнат во пропаст... И нема да побегнат" (1. Солуњаните 5,3).

8

# ПО ПОТОПОТ

*Оваа глава е заснована на 1. Мојсеева 7,20 - 9,27*

Водата надошла до петнаесет лакти (околу седум метри, заб. на прев.) над врвот на највисоката планина. Често на семејството што се наоѓало во ковчегот му се чинело дека неминовно ќе пропаднат, зашто нивниот брод пет долги месеци бил носен ту наваму ту натаму - привидно препуштен на милоста на ветерот и брановите. Тоа било тешко искушение, но верата на Ное не се колебала зашто бил убеден дека на кормилото се наоѓа Божјата рака.

Кога водата почнала да се повлекува, Господ сторил ковчегот да доплови во еден предел заштитен со венци од планини што биле сочувани со неговата сила. Растојанието меѓу тие планини не било голем, па ковчегот во тоа пристаниште мирно се движел; не бил веќе гонет по бескрајниот океан. Тоа за уморните патници, гонети од страшната луња, било големо олеснение.

Ное и неговото семејство загрижено и копнежливо очекувале водата да се повлече, зашто толку долго и жедно морале да чекаат со своите нозе да зачекорат на сува почва. Четириесет дена по појавувањето на планинските врвови, пуштиле гавран, птица со силно развиено сетило за мирис, да открие дали земјата се просушила. Но бидејќи не нашла ништо освен вода, птицата постојано се враќала во ковчегот секогаш кога би полетала од него. Седум дена подоцна пуштиле гулаб кој, не наоѓајќи суво место каде што би можел да се спушти, се вратил во ковчегот. Ное почекал уште седум дена и тогаш повторно го пуштил гулабот. Кога истиот ден навечер гулабот се вратил со маслинов лист во клунот, во ковчегот завладеала голема радост. Потоа „Ное го откри покривот на ковчегот и виде сува земја“. Но сè уште стрпливо чекал. Бидејќи во ковчегот влегол на Божја заповед, чекал посебно упатство да излезе од него.

Најпосле од небото дошол силен ангел, ја отворил масивната врата и им заповедал на патријархот и на членовите на неговото семејство да излезат од ковчегот и да изведат од него сè што било

живо. Во својата голема радост и олеснение, Ное не го заборавил Оној со чија милостива заштита биле сочувани. Прво што
106
сторил кога излегол од ковчегот било да подигне олтар и на него да принесе по една жртва од секое чисто животно и чиста птица, покажувајќи му ја со тоа својата благодарност на Бога за ослободувањето и својата вера во Христа како голема жртва. Тој принос му бил мошне угоден на Господа и им донел благослов не само на патријархот и на неговото семејство, туку и на сите што ќе живеат на земјата. „И Господ го почувствува мирисот пријатен, па рече во себе: Нема повеќе да ја проколнувам земјата поради човекот... Отсега, па сè дури постои земјата, нема да престанат сеењето и жнеењето, студот и горештината, летото и зимата, деновите и ноќите." Во ова лежи една поука за сите идни поколенија. Ное излегол на опустена земја, но пред да си изгради себеси куќа, му подигнал олтар на Господа. Резервата во стока му била малечка и само со големи маки можел да ја одржи, а сепак радо изделил од неа за жртва во знак на признание дека сè му припаѓа на Бога. Исто така и нам прва грижа треба да ни биде да му ги принесеме на Господа своите доброволни прилози. За секоја негова укажана милост и љубов кон нас треба да покажеме признание и благодарност како со нашите побожни дела, така и со нашите прилози за напредок на неговото дело.

За луѓето да не се плашат од повторен потоп, при секое облачење на времето и при секоја појава на дожд, Господ семејството на Ное го охрабрил со ветување: „Поставувам завет со вас дека од сега нема веќе ниедна плот да загине од потоп и дека повеќе не ќе има потоп да ја запустува земјата... Поставувам свое виножито во облакот за да биде знак на заветот меѓу мене и земјата" (1. Мојсеева 9,11.13).

Колкава Божја проникливост и колкаво сочувство кон заблудените созданија на неговите раце може да се види во поставувањето на сјајното и прекрасно виножито во облаците како знак на неговиот завет со нив! Господ кажува дека, кога ќе го погледне виножитото во облаците, ќе си спомне за својот завет. Тоа не значи дека Тој својот завет може да го заборави, туку ни зборува со наш јазик за полесно да можеме да го разбереме. Божја намера била на децата на идните поколенија, кога ќе запрашаат за значењето на величествениот лак кој се појавува на небото по дождот, нивните родители да им ја повторуваат историјата за потопот, нагласувајќи дека Севишниот го поставил виножитото во облаците како гаранција дека светот никогаш веќе нема да го потопи вода. Така, од поколение до поколение, тоа ќе биде постојан знак и сведок за

божествената љубов кон луѓето и ќе ја засилува нивната доверба 107
во Бога.

Сјај, сличен на виножито, на небото го опкружува Божјиот престол и ја обвива Христовата глава. Пророкот кажува: „Како што изгледа виножитото во облаците, во дождовен ден, таква беше таа светлина наоколу“ (Езекил 1,28). А писателот на Откровението изјавува: „И ете, на небото стоеше престол, и на престолот седеше некој... а околу престолот виножито, коешто прилегаше на смарагд“ (Откровение 4,2.3). Кога со својот голем грев човекот предизвикал божествена казна, тогаш Спасителот, заземајќи се пред Отецот за нас, укажува на виножитото што се гледа во облаците, на виножитото што го опкружува Божјиот престол и ја обвива неговата глава во знак на Божјата милост кон грешникот кој се кае.

Со овој знак на гаранција, даден на Ное во врска со потопот, Господ поврзува едно од најдрагоцените ветувања на својата милост: „Оти тоа за мене е како потопот на Ное: како што се заколнав дека на земјата нема веќе да дојде потоп, така се заколнав дека нема да ти се лутам, ниту да те прекорувам. Планини ќе се поместат, и ридови ќе се разнишаат, но мојата милост нема да отстапи од тебе и заветот на мојот мир нема да се разниша, вели Господ, кој те милува“ (Исаија 54,9.10).

Кога Ное ги видел силните и големите животни и опасните крволочни ѕверови кои заедно со него излегувале од ковчегот, се уплашил да не го растргнат неговото малечко семејство кое броело сè на сè осум души. Но Господ на својот слуга му пратил ангел со порака што охрабрува: „А сите земни ѕверови и сите небесни птици, и сиот земен добиток, и сè што се движи по земјата, и сите морски риби да се плашат од вас; во вашите раце се предадени. Сè што се движи и живее, ќе ви биде храна; сето тоа ви го дадов како што ви го дадов зеленчукот“ (1. Мојсеева 9,2.3). Пред тоа Бог не му дозволил на човекот да јаде храна од животинско потекло. Негова намера била човечкиот род да живее исклучиво од производите на земјата; меѓутоа, бидејќи тогаш биле уништени со потопот сите зелени растенија, им дозволил да јадат месо од чистите животни што биле сочувани во ковчегот.

Потопот го изменил целокупниот надворешен изглед на земјината површина. Тоа било трето страшно проклетство што ја погодило земјата како последица на гревот. Кога водата почнала
да се повлекува, горите и планините биле опкружени со големо и 108
матно море. На сите страни лежеле расфрлени трупови на луѓе и животни. Бог не дозволил тие да се распаѓаат и да го загадуваат воздухот, туку сторил земјата како голема гробница сето тоа

да го покрие и да го закопа. Необично силен ветер, што имал задача да ја потисне и да ја исуши водата, дувал со таква силина, што ги однел труповите, а некаде и цели врвови од планините, затрупувајќи ги мртвите тела со дрвја, со камење и со земја. Во таа пригода се затрупани златото, среброто, благородното дрво и драгоцените камења со кои претпотопниот свет се богател и се кител и кои луѓето дури и ги обожавале. Така сето ова исчезнало од пред човековите очи и од неговите истражувања, а земја, носена со силната вода и со ветерот, кој често напластувал цели планини врз овие богатства, покрила сѐ. Бог видел дека грешните луѓе, колку поголемо богатство, благосостојба и напредок им подарува, сѐ побргу го расипуваат својот пат пред него. Богатствата поради кои требало да му бидат благодарни на штедриот Дародавец, тие ги обожавале, додека Бог бил обесчестен и презиран.

По потопот земјата била неопишано испретурена и опустена. Планините, кои некогаш биле толку убави и имале совршени облици, станале груби и неправилни. Насекаде на земјината површина лежеле расфрлени камења, карпи и цели планински гребени. На многу места исчезнале ритчиња и цели планини, така што не се познавале ниту траги каде што некогаш постоеле, а на местото на некогашните рамнини, сега се издигнувале планински венци. Овие промени на некои места многу посилно се истакнувале отколку на други. Таму каде што некогаш на земјата се наоѓале најголеми богатства во злато, сребро и во скапоцени камења, се виделе најголеми траги на проклетство. А во пределите што не биле населени и каде што гревот не бил толку распространет, проклетството полесно ја притискало земјата.

Во тоа време во земјата се закопани и огромни шуми. Со текот на времето тие се претвориле во големи наслаги од јаглен и во големи количества нафта кои се користат денеска. Јагленот и нафтата често се запалуваат и горат под земјината површина. Така подземните карпи, варовникот[1], се загреваат до усвитување, а железната руда се топи. Дејството на водата врз варта уште повеќе ја распалува жестокоста на врелината и предизвикува земјотреси, вулкани и ерупции. Кога огнот и водата ќе дојдат во контакт со карпите и рудата, настануваат силни подземни експлозии што се слушаат како придушени татнежи. Воздухот станува жежок и

[1] Под дејство на високите температури што се создаваат при горењето на јагленот и нафтата под земјата, варовникот (карбонат) и другите метални карбонати се печат, при што преминуваат во оксиди кои, пак, под дејство на усвитениот јаглен се редуцираат и преминуваат во карбиди, а карбидите со водата даваат хидрооксиди и големи количества на многу реактивни гасови, ацетилени, кои во допир со воздухот создаваат многу силни експлозии кои предизвикуваат земјотреси и вулкани (заб. на прев.).

задушлив. Настануваат ерупции на вулкани; а бидејќи тие често не
оставаат доволно широк отвор за избивање на усвитените елементи 109
на стихијата, земјата се тресе, почвата се набира и се спушта како морски бранови; се појавуваат огромни пукнатини, и поради тоа некогаш исчезнуваат цели градови, населби па дури и планини. Овие чудни појави ќе бидат сѐ позачестени и сѐ поужасни непосредно пред второто Христово доаѓање и пред крајот на светот, како предзнаци на неговото брзо уништување.

Тие земни длабини претставуваат Господен арсенал од кој е земено оружјето што е употребено при уништувањето на претпотопниот свет. Во таа пригода водата што избивала од земјата се споила со водата што паѓала озгора за делото на опустувањето да биде целосно. По потопот, огнот, исто како и водата при потопот, бил Господово орудие при уништувањето на безбожните градови Содом и Гомор. Ваквите казни се применувани со цел оние што го омаловажуваат Божјиот закон, а неговиот авторитет го фрлаат под нозе, да затреперат пред неговата сила и да ја признаат праведноста на неговото суверено владеење. Кога луѓето виделе како од планинските врвови, претворени во вжештени вулкани, бликаат огнени водопади, а усвитената лава пресушува реки и затрупува населени градови, ширејќи насекаде пустош и пропаст, тоа ги исполнило со страв срцата на најхрабрите, а неверниците и подбивачите морале да признаат дека Божјата сила е бесконечна.

Во врска со сцените, слични со горниот опис, зборувале пророците од дамнина: „О да беше ги раскинал ти небесата и да беше слегол! Горите би се стопиле од твоето лице, како оган што растопува восок, како од оган што зоврива вода, така непријателите ќе го познаат твоето име и од твоето лице ќе затреперат народите. Кога правеше страшни дела, од нас неочекувани, и слегуваше - гори се топеа од твоето лице“ (Исаија 64,1-3). „Патот Господов е во виор и бура, а облаците се прав од под неговите нозе. Ќе му се закани ли на морето, и тоа пресушува, и сите реки пресушуваат“ (Наум 1,3.4).

Сцените што ќе го најавуваат второто Христово доаѓање сепак ќе бидат пострашни од сѐ што светот кога и да е видел. „Горите се тресат пред него, и ридовите се топат, земјата потреперува пред неговото лице, и вселената и сѐ што живее во неа. И кој може да го издржи пламенот на неговиот гнев“ (Наум 1,5.6). „Господе, приклони ги своите небеса и слези; допри се до горите, и тие ќе се задимат; болсни со молња и ќе ги растераш, пушти ги своите стрели и ќе ги збуниш“ (Псалм 144,5.6).

„И ќе покажам чудеса на небесата и знаци долу на земјата, крв, 110
и оган и чад“ (Дела 2,19). „И имаше светкавици, громови и гласови,

и настана силен земјотрес, толку голем и силен потрес, каков што немало откако постојат луѓе на земјата. Сите острови исчезнаа, и гори веќе не се гледаа. И град, голем како талант, падна од небото, на луѓето“ (Откровение 16,18.20.21).

Кога молњите на небото ќе се соединат со огнот што ќе избива од земјата, планините ќе горат како усвитени печки исфрлајќи ужасни млазеви лава која ќе затрупува градини, родни полиња, села и градови. Од усвитените растопени маси, урнати и врз токовите на големите реки, водата ќе зоврие како во котел, поради што огромни масиви на карпи со неопишана сила ќе бидат исфрлени во воздухот, а нивните парчосани делови ќе бидат расфрлени насекаде по земјата. Реките ќе пресушат. Целата земја ќе се тресе; насекаде ќе има ужасни земјотреси и вулкански ерупции.

Така Бог ќе ги истреби безбожниците од земјата. Но праведниците, среде сите тие потреси и метежи, ќе бидат сочувани како Ное што бил сочуван во ковчегот. Бог ќе биде нивно прибежиште и ќе се засолнат под неговите крилја. Псалмистот кажува: „Зашто ти си, Господе, надеж моја, Севишниот го избра за свое прибежиште. Зло нема да ти се случи, и неволја нема да се приближи до тебе“ (Псалм 91,9.10). „Зашто во злочест ден Тој би ме скрил во својата скинија, би ме скрил под покривот на своето живеалиште; би ме искачил на карпа“ (Псалм 27,5). Божјето ветување гласи: „Бидејќи се надеваше на мене, ќе го избавам и ќе го заштитам, зашто го позна моето име“ (Псалм 91,14).

9

# БУКВАЛНА СЕДМИЦА

Седмицата, исто како и саботата, води потекло од создавањето на светот и како таква е сочувана во библиската историја и останала до денешен ден. Првата седмица ја одмерил лично Бог како мустра за сите седмици до крајот на времето. Како и секоја друга, и таа се состоела од седум буквални денови. Шест дена Бог создавал, а во седмиот ден си починал, затоа тој ден го благословил и им го определил на луѓето за одмор.

Во законот, објавен на Синај, Бог ја истакнал седмицата и ги објаснил фактите врз кои таа се темели. Давајќи ја заповедта „Спомни си за денот за одмор да го празнуваш", и одредувајќи што треба да се прави во текот на шесте дена а што не треба да се прави во седмиот ден, Тој ја навел причината за таквото гледиште за седмицата, укажувајќи на својот сопствен пример: „Зашто за шест дена Господ ги создаде небото и земјата, морето и сѐ што е во нив, а во седмиот ден си почина; заради тоа Господ го благослови седмиот ден и го посвети" (2. Мојсеева 20,8-11). Ова е прекрасна и убедлива причина дека деновите на создавањето треба да се сметаат за природни, буквални денови. Првите шест дена во седмицата му се дадени на човекот за работа, зашто Бог исто толку време во првата седмица поминал во делото на создавањето. Во знак на сеќавање на починката на Творецот, човекот во сабота не треба да работи никаква работа.

Меѓутоа, претпоставката дека за настаните во првата седмица биле потребни илјадници и илјадници години, удира во темелот на четвртата заповед. Со тоа Творецот се прикажува како заповедник кој од луѓето бара една обична седмица од седум природни денови да ја сметаат за спомен на некаков голем и неопределен временски период. Но тоа во никој случај не може да се сообрази со неговиот начин на постапување со луѓето. На тој начин се прави неодредено и магливо она што Тој го сторил толку јасно. Таквите и слични сфаќања потекнуваат најчесто од нечестивиот, и поради тоа од најопасниот вид на неверување. Вистинскиот карактер на ваквото

сфаќање толку е увиен, што му подлегнуваат мнозина и од оние
112 кои тврдат дека веруваат во Библијата.

„Преку речта Господова се зацврстија небесата, и преку Духот на неговата уста - сите нивни сили... Зашто Тој рече и тие настанаа; Тој заповеди и се создадоа“ (Псалм 33,6.9). Во Библијата нема ниту трага за некакви долги векови во кои земјата постепено се развивала од хаос. За секој последователен ден на создавањето, Светото писмо кажува дека имал вечер и утро, како и секој друг ден што настапил подоцна. При завршувањето на секој од тие денови се соопштува што создал Творецот во тој ден. А на крајот од извештајот за првата работна седмица се кажува: „Ете, така настанаа небото и земјата, во она време кога Господ Бог ги создаде земјата и небото“ (1. Мојсеева 2,4). Од ова не може да се заклучи ништо друго освен дека деновите на создавањето биле такви какви што се и денешните, обични седмични денови. Секој од тие денови е наречен ден на создавањето, зашто секој ден Бог создал нешто ново.

Геолозите тврдат дека во земјата можат да се најдат доволно докази оти таа е многу постара отколку што тврди Мојсеевиот извештај. Пронајдени се коски на луѓе и животни, воени орудија, скаменето дрво и друго, сè многу поголемо од денешното, или од она што било во текот на последните неколку илјади години, па од тоа се изведува заклучок дека земјата била населена многу пред она време кое во извештајот за создавањето е споменато како почеток и дека тие суштества, според телесната градба и големина, далеку ги надминувале луѓето што живеат денеска. Со ваквите заклучоци и мнозина кои тврдат дека веруваат во Библијата се наведени да го прифатат гледиштето според кое деновите на создавањето биле неопределени долги временски периоди.

Меѓутоа, геологијата не може да докаже ништо со што би го побила библискиот извештај. Сите кои со толкава самоувереност ги прифаќаат ваквите откритија и донесуваат секакви заклучоци, немаат соодветна претстава за големината на претпотопните луѓе, на тогашните животни и дрвја, ниту за големите промени што настанале тогаш. Остатоците, најдени во земјата, даваат докази за приликите кои во многу нешта се разликуваат од денешните, но за времето во кое владееле тие прилики може нешто да се дознае само од инспирираните записи на Светото писмо. Вдахновението во историјата за потопот го објаснило она што геологијата никогаш не би го досегнала. Луѓето, животните и дрвјата од деновите на Ное, по неколкупати поголеми од денешните, се затрупани со наслојки земја и тоа е сочувано како доказ за идните поколенија дека претпотопниот свет навистина е уништен со вода. Божја намера била откривањето на овие остатоци да ја засили верата во

инспирираната историја на Светото писмо, но луѓето во своите лекомислени и суетни заклучоци паѓаат во истата онаа заблуда во која паднале и жителите на претпотопниот свет - она што го дал Бог да им послужи на благослов, тие со својата злоупотреба го претвораат во проклетство.

Со својата лукавост сатаната ги наведува луѓето да веруваат 113
во измислиците на неверниците, зашто на тој начин тој може да го стори неразбирлив Божјиот закон кој сам по себе е сосема јасен, и да се осмели луѓето да ги стави во бунт против божественото владеење. Неговите напори посебно се насочени против четвртата заповед, зашто таа толку јасно укажува на живиот Бог, Творецот на небото и земјата.

Постојано се вложуваат напори делото на создавањето да се прикаже како резултат на некакви природни причини и процеси; и човечките заклучоци, спротивни на јасните библиски факти, ги прифаќаат дури и оние кои тврдат дека се христијани. Мнозина се противат на истражувањето на пророштвата, особено на оние од книгата на Даниел и Откровението на Јован, тврдејќи дека тие се толку магливи и неразбирливи, што не можеме да ги сфатиме; а сепак, истите тие лица желно и одушевено ги прифаќаат претпоставките на геологијата што му противречат на она што го запишал Мојсеј. Меѓутоа, ако е тешко да се сфати она што го открил Бог, колку дури е недоследно да се прифатат само претпоставките за она што Тој не го открил!

„Она што е тајно му припаѓа на нашиот Господ Бог, а јавното е наше и на нашите синови довека“ (5. Мојсеева 29,29). Бог никогаш не им открил на луѓето сè потенко како го создавал светот; човечката наука никогаш нема да проникне во тајната на Севишниот. Неговата творечка моќ е недосеглива исто како и неговото постоење.

Бог дозволил со помош на науката и уметноста да се излеат на светот млазеви светлина; но, оние што тврдат за себе дека се научници и уметници, ако ги изложат овие предмети од чисто човечко гледиште, без сомнение, ќе дојдат до погрешни заклучоци. Размислувањата за предметите што се над она што ни е откриено во Божјата реч, може да биде простодушно сè дотогаш додека нашите сфаќања не дојдат во противречност со фактите изнесени во светите списи. Но, оние што ја оставаат Божјата реч и што се обидуваат делото на создавањето да го објаснат со научни принципи, талкаат по непознат океан без карта и компас. И најголемите умови, ако се обидуваат да ја одредат границата меѓу науката и откровението, а не се раководат со Божјата реч, сигурно ќе се заплеткаат и ќе се збунат. Бидејќи Творецот и неговите дела во огромна мера ја надминуваат нивната моќ на сфаќање, тие не се во состојба тоа да

го објаснат со природните закони и затоа библиската историја ја сметаат за несигурна. Оние што се сомневаат во веродостојноста на записите на Стариот и Новиот завет, ќе отидат и чекор понатаму - ќе се сомневаат и во постоењето на Бога; и тогаш, губејќи ја котвата, останууваат препуштени сами на себе за да се парчосаат од карпите на неверството.

114 Таквите ја губат едноставната вера. Верата во божествениот авторитет на светата Божја реч треба да биде непоколеблива. Библијта не смее да се испитува со човечките научни поими. Човечкото знаење е несигурен водач. Оние што се сомневаат во сè, кои Библијата ја читаат само затоа за да ситничарат и да критикуваат, со своето половично сфаќање и на Библијата и на науката, можат да тврдат дека во нив нашле противречности. Меѓутоа, кога правилно ќе се сфатат, Библијата и науката се во совршена хармонија. Мојсеј пишувал под водство на Светиот Дух и ако теоријата на геологијата правилно се примени, никогаш нема да дојде до такви откритија што не би можеле да се сложат со неговите наводи. Секоја вистина, и во природата и во откровението, е доследна на себеси во секое свое покажување.

Во Божјата реч се поставуваат многу прашања на кои ниту најучените луѓе никогаш не ќе можат да одговорат. Особено се обрнува внимание на фактот дека и во највообичаените појави на секојдневниот живот има тајни што човечкиот ум, и покрај сета мудрост со која толку растурливо се фали, никогаш не ќе може потполно да ги сфати.

Сепак, луѓето од наука мислат дека можат да ја сфатат Божјата мудрост во врска со она што Тој го сторил или што може да го стори. Широко е распространета идејата дека Бог со своите закони самиот себеси си ги врзал рацете. Луѓето или го побиваат постоењето на Бога и за него не сакаат ништо да знаат, или пак вообразуваат дека можат да објаснат сè, дури и дејствувањето на неговиот Дух врз човечкото срце, и веќе не го почитуваат неговото име ниту се плашат од неговата сила. Тие не веруваат во натприродното, ниту пак ги сфаќаат Божјите закони и неговата бесконечна моќ преку нив да ја спроведува својата волја. Вообичаениот израз „закони на природата“ го опфаќа она што луѓето успеале да го пронајдат и да го откријат во врска со законите што владеат во светот на природата; меѓутоа, колку ограничено и спечено е нивното сознание, а колку е огромна областа во која може да дејствува Творецот сообразно со своите закони, а сепак, потполно недосегливо за умот на ограничените смртници!

Мнозина учат дека материјата има животна сила - дека ѝ се дадени извесни способности и дека потоа е оставена да дејствува

со својата сопствена енергија што е неразделна од неа, и дека природата во своето дејствување ги следи утврдените закони во кои не се меша дури ни Бог ниту може да влијае врз нив. Тоа е лажна наука, нешто што не може да се поткрепи со Божјата реч. Природата е само слуга на Творецот. Бог никогаш не ги укинувал своите закони ниту работел против нив, туку постојано ги користи нив како свои инструменти. Природата сведочи за присуството и за делотворната енергија на едно разумно Суштество кое дејствува преку неа и владее со нејзините закони. Во природата е присутно постојано дејствување на Отецот и Синот. Христос кажува: „Мојот Отец досега работи, и јас работам“ (Јован 5,17).

Во пофалната песна што ја запишал Немија, Левитите пееле: 115
„Ти, Господе, кој си еден, ти го создаде небото, небесата над небесата и сета нивна војска, земјата и сѐ што е на неа... И ти го оживуваш сето тоа, и небесните воинства ти се клањаат" (Немија 9,6).

Што се однесува до создавањето на овој свет, Божјето дело било целосно и совршено. Зашто „делата и биле готови од создавањето на светот“ (Евреите 4,3). Но неговата сила сѐ уште се покажува во неговото постојано одржување на неговите созданија. Неизменетите отчукувања на пулсот и постојаниот здив не следат затоа што механизмот, еднаш ставен во движење, сам од себе и понатаму се движи, туку секој здив и секое отчукување на срцето претставуваат очигледен доказ на сеопфатната грижа на Оној со чијашто сила „живееме, се движиме и постоиме“ (Дела 17,28). Земјата не носи секоја година изобилство свои плодови и производи, ниту без престан се движи околу сонцето затоа што ја гони некоја сила што постои во самата неа. Божјата рака ги води планетите и ги одржува на нивните точно утврдени патеки по небото. Тој „на број ја изведува нивната војска, и сите ги вика по име“ (Исаија 40,26). Благодарение на неговата сила буи и се развива растителниот свет; само на тој начин пупката се развива во лист и така цвети цвеќето. Тој „прави та на горaта расте трева“ (Псалм 147,8). Со негова сила рамнините стануваат плодни. „Сите шумски ѕверови... бараат од Бога храна“ (Псалм 104,20.21). Сѐ живо на земјата, од најмалечкиот инсект, до човекот, постојано зависи од грижата на неговото провидение. Според прекрасните зборови на псалмистот: „Сите тие од тебе чекаат да им дадеш храна на време. Им даваш - примаат, ја отвораш својата рака - се наситуваат со блага“ (Псалм 104,27.28). Неговиот збор владее со стихиите на природата. „Тој небото го покрива со облаци и земјата ја залева со дожд..., како волна снегот го расфрла, како пепел мразот го распростира“ (Псалм 147,8.16). „Од неговиот глас шумат небесните води, и Тој ги крева облаците

од земните краишта; создава молскавици среде дожд и од своето живеалиште изведува ветер“ (Еремија 10,13).

Бог е темел на сè што постои. Секоја вистинска наука е сообразена со неговите дела; секое вистинско образование го води човекот на послушност кон неговото владеење. Науката постојано изнесува на виделина нови чуда; таа успева да се вивне во далечните височини и секогаш да истражува нови длабини; но нејзините трагања не изнесуваат ништо што би било спротивно на божественото откровение. Стремејќи се да ги поткрепи лажните претстави за Бога, незнаењето може да се повикува на науката, но книгата на природата и пишаната Божја реч меѓусебно не се исклучуваат, туку, напротив, една со друга се надополнуваат и се осветлуваат. Тоа нè тера кон Творецот да негуваме длабока почит и љубов и во
116 неговата Реч да имаме доверба врз основа на здравиот разум.

Меѓу смртниците нема суштество што би можело во целост да го сфати постоењето, моќта, мудроста или делата на Оној кој нема ниту почеток ниту крај. Еден од светите писатели кажува: „Можеш ли да проникнеш во Божјите длабочини? Можеш ли да го достигнеш совршенството на Седржителот? Тој е повисок од небесата - што можеш да сториш? Подлабок е од гробот - што можеш да дознаеш. Неговата мерка е подолга од земјата и поширока од морето“ (За Јов 11,7-9). Ниту најсилните земни умови не можат со истражување да го досегнат и да го сфатат Бога. Можат луѓето уште многу да истражуваат и постојано да учат ново и ново, но над сето тоа сè уште останува бесконечноста.

За Божјата моќ и за неговата големина сведочат делата што ги создал Тој. „Небесата ја објавуваат славата Божја, а за делата на неговите раце зборува небесниот свод“ (Псалм 19,1). Оние што ќе ја земат пишаната Божја реч за свој советник, во науката ќе најдат помошно средство полесно да го сфатат Бога. „Неговите невидливи својства, неговата вечна сила и божеството, уште од создавањето на светот се гледаат на неговите созданија“ (Римјаните 1,20).

10

# ВАВИЛОНСКАТА КУЛА

*Оваа ḡлава е заснована на 1. Мојсеева 9,25-27 и 11,1-9*

За повторно да ја насели со луѓе опустената земја која неодамна беше очистена од моралната изопаченост со потоп, Бог сочувал само едно семејство, членовите на домаќинството на Ное, човекот за кого самиот рекол: „Зашто увидов дека ти си единствен праведен пред мене во ова време" (1. Мојсеева 7,1). Сепак, меѓу трите синови на Ное набргу се развила исто толку голема разлика каква што можела да се види на светот и пред потопот. Кај Сим, Хам и Јафет, кои требало да бидат основачи на човечкиот род, можел однапред да се наслути карактерот на нивните потомци.

Зборувајќи под влијание на божествено вдахновение, Ное ја прикажал историјата на трите големи лози што требало да водат потекло од овие тројца, како татковци на идното човештво. Зборувајќи за потомците на Хам, рекол: „Проклет да е Ханан и да им биде слуга на слугите на своите браќа!" Неприродниот престап на Хам покажува дека она непочитување што како син му го должел на татка си, одамна исчезнало од неговата душа. Освен тоа, овој престап ја открил нечистотата и нискоста на неговиот карактер. Тие лоши особини се овековечени кај Хам и кај неговите потомци кои, поради нивните постојани престапи, ги снаоѓале Божји казни.

Од друга страна, почитувањето што го покажале Сим и Јафет кон татка си, а со тоа и кон божествените уредби, му ветувало убава иднина на нивното потомство. Во врска со овие синови, таткото рекол: „Благословен да е Господ Бог Симов, а Ханан ќе му биде слуга. Нека го рашири Бог Јафета, и тој нека живее во шаторите на Сим; а Ханан да им биде слуга" (1. Мојсеева 9,26.27). Од лозата на Сим требало да води потекло избраниот народ, народот на Божјиот завет и лозата на ветениот искупител. Симов Бог требало да биде само Јехова и од него требало да водат свое потекло Аврам и народот Израелов, од кој требало да се појави и Христос. „Среќен е оној народ кај кого е така, среќен е народот чиј Бог е Јахве!"

118 (Псалм 144,15). А Јафет треба „да живее во шаторите на Сим“. На потомците на Јафета посебно им било наменето да учествуваат во благословите на евангелието.

Потомците на Хам се спуштиле до најнизок степен на незнабоштво. Иако со пророчка клетва биле осудени на робување, сепак, лошата коба со векови била одложувана. И покрај сета нивна безбожност и изопаченост, Бог ги поднесувал сè додека не ја преминале границата на неговото божествено трпение. Тогаш биле лишени од сè што имале и им станале слуги на потомците на Сим и Јафет.

Пророштвото на Ное не било некоја самоволна закана со гнев или објава на милост. Тоа пророштво не го одредувало карактерот или судбината на неговите синови, но покажувало какви ќе бидат последиците на животниот пат што го бирале тие секој за себе и карактерот што го развивале. Земајќи го во обѕир нивниот карактер и нивното однесување, тоа претставувало израз на Божјата намера што ја имал со нив и со нивното потомство. По правило, децата ги наследуваат склоностите и стремежите на своите родители и го следат нивниот пример; така гревовите на родителите се повторуваат кај децата и кај потомците од поколение во поколение. Така и Хамовото непочитување и нискост се повторувале во неговото потомство, донесувајќи им проклетство во текот на многу поколенија. „Еден грешник расипува многу добра“ (Проповедник 9,18).

Од друга страна, колку богато било наградено вниманието на Сим кон татка си и колкава низа истакнати свети луѓе се појавуваат од неговото потомство! „Ја знае Господ иднината на простодушните“ и „врз неговото потомство почива благослов“ (Псалм 37,18.26). „И така знај дека твојот Господ Бог е вистински Бог, Бог верен, кој го држи својот завет и им укажува своја милост на илјадници колена што го љубат и ги држат неговите заповеди“ (5. Мојсеева 7,9).

Потомците на Ное извесно време останале да живеат меѓу планините каде што се запрел ковчегот. Кога почнале да се намножуваат, набргу почнал да се шири отпад кој довел до одвојување. Оние што сакале да го заборават својот Творец и да ги отфрлат ограничувањата наметнати со неговиот закон, постојано чувствувале дека им пречи учењето и примерот на нивните богобојазливи соплеменици, и по извесно време конечно решиле да се изделат од нив. Затоа се повлекле во долината Сенар, на бреговите на реката Еуфрат. Привлечени од убавината на положбата и од плодноста на почвата, решиле оваа рамнина да ја сторат своја татковина.

Решиле тука да подигнат град и во него кула со вчудовидувачка височина, бидејќи таа требало да претставува вистинско светско чудо. Тој потфат е преземен со цел да се спречи раселувањето

на народите по населби. Бог на луѓето им наредил да се разоти- 119
дат по сета земја, повторно да ја наполнат и да завладеат со неа. Меѓутоа, овие градители на Вавилон решиле својата заедница да ја сторат единствена и да формираат монархија која подоцна ќе ја покори сета земја. Така нивниот град би станал престолнина на едно сеопшто светско царство и со својата слава и убавина би го привлекувал вниманието и би предизвикувал восхит кај целиот свет, а би претставувал и гордост за своите славни градители. Величествената кула, која би допирала до небото, замислено е да остане како споменик на мудроста и моќта на нејзините градители и нивната слава вечно да ја пренесува од поколение на поколение.

Жителите на низината Сенар не верувале во Божјиот завет дека Бог нема веќе да пушти потоп на земјата. Мнозина од нив тврделе дека Бог и не постои, а потопот го поврзувале со последиците на природните појави и причини. Други пак верувале во некое надмоќно суштество кое, според нивното осведочување, го уништило претпотопниот свет, но нивното срце, како и некогаш срцето на Каина, се бунело против него. Една од целите што си ја поставиле себеси при градењето на кулата била да си осигурат лична безбедност во случај на повторен потоп. Со тоа што имале намера кулата да ја изградат многу повисоко од нивото до кое допрела водата на потопот, мислеле дека ќе избегнат секоја можна опасност. А бидејќи на тој начин би биле во можност да допрат во областа на облаците, се понадевале дека со тоа ќе можат да ја утврдат и причината за потопот. Целокупниот потфат е замислен така за уште повеќе да ја издигне гордоста на неговите проектанти и мислите на идните поколенија да ги одврати од Бога, водејќи ги во идолопоклонство.

Кога кулата била делумно изградена, еден нејзин дел бил предвиден за живеење на градителите; другите, сјајно уредени и украсени простории биле посветени на нивните лажни богови. Луѓето им се радувале на своите успеси и ги славеле боговите од сребро и злато, противставувајќи му се на Стопанот на небото и земјата. Одненадеж во работата што напредувала толку успешно настанал застој. Биле пратени ангели да ги попречат намерите на градителите. Кулата веќе достигнала завидна височина, па на работниците при врвот им било неможно непосредно да општат со оние во подножјето; поради тоа на разни места биле поставени луѓе чијашто задача била верижно да ги пренесуваат од еден до друг налозите за тоа кој материјал е потребен и разни упатства во врска со изведбите на работите. Додека пораките на тој начин се пренесувани од еден до друг, јазикот им бил побркан, така што, наместо потребниот, доставуван е материјал кој воопшто не одговарал. На-

120 станала забуна и вчудовиденост. Во целокупната работа настанал застој. Секоја натамошна соработка била оневозможена. Градителите никако не можеле да си го објаснат себеси ова необично недоразбирање и, во својата бркотија и бес, почнале вината да си ја префрлаат еден на друг. Така нивниот сојуз завршил со караници и со крвопролевање. За доказ на Божјето негодување, молњи од небото го разурнале горниот дел на кулата и го струполиле на земја. Така луѓето морале да почувствуваат и да увидат дека на небото постои Бог кој владее со целата вселена.

До тоа време сите луѓе зборувале еден ист јазик. Тогаш, сите што можеле меѓусебно да се разберат, се изделиле во посебни групи и се разотишле секој на своја страна. „Така Господ ги расеа оттаму по сета земја.“ Тоа разотидување придонело луѓето да се раселат по земјата; така Божјата немера сепак се остварила и тоа токму со оние средства со кои луѓето се обиделе да го спречат и да го оневозможат нејзиното остварување.

Меѓутоа, колку голема била таа загуба за оние што му се противставиле на Бога! Негова намера била луѓето, кога ќе се разотидат во разни краишта на земјата за да основат нации, да го понесат со себе и сознанието за неговата волја, светлината на вистината да може да им се пренесува во својот првобитен сјај на поколенијата што настапуваат. Ное, тој верен проповедник на правдата, живеел по потопот уште триста и педесет години, а Сим петстотини години. Тоа на нивните потомци им дало можност непосредно да се запознаат со Божјите барања и со историјата на неговото постапување со нивните предци. Меѓутоа, тие не биле подготвени да ги слушаат овие за нив непријатни вистини; не сакале да го сочуваат сознанието за Бога, а со бркотијата на јазиците во голема мера им било оневозможено непосредно општење со другите што можеле да им ја пренесат светлината.

Градителите на Вавилон негувале кај себе дух на незадоволство и бунт против Бога. Наместо со благодарност да си споменуваат за неговата милост покажана кон Адама и кон неговиот, исто така на милост заснован завет со Ное, тие се плачеле против неговата строгост покажана кон првите луѓе што ги истерал од Едем и што светот го уништил со потоп. Меѓутоа, додека мрмореле против Бога, прикажувајќи го како самоволен и строг судија, самите прифатиле систем на најсвирепа тиранија. Сатаната се трудел да предизвика презир и непочитување кон системот на принесување на жртви кои симболично ја претставувале Христовата смрт; а кога мислите на народот биле затемнети со идолопоклонство, ги навел истиот жртвен систем да го искривоколчат и на жртва на лажните богови да принесуваат свои родени деца. Кога луѓето се

оделиле од Бога, тогаш божествените особини - правдата, чистотата и љубовта - биле заменети со угнетување, со насилство и со свирепа нечовечност. 123

Жителите на Вавилон решиле да основат владеење што би било независно од Бога. Меѓутоа, меѓу нив имало и такви кои се боеле од Господа, но биле измамени со тврдењето на безбожниците и вплеткани во нивните планови. Заради тие верници Бог ги одложувал своите казни и на луѓето им дал време да го откријат својот вистински карактер. Кога се откриле нивните намери, Божјите синови настојувале да ги одвратат од тоа, но овие биле наполно единствени во својот потфат кој претставувал дрзок предизвик за Небото. Кога тие не би биле спречени во нивната намера, светот морално целосно би се изопачил уште во своето детство. Нивниот сојуз се засновал на бунт; тоа би било едно царство создадено да ги извиши самите нив, а не во него да се слави и да се почитува Бог. Кога на тој сојуз не би му се застанало на патот, би завладеала сурова сила и правото на посилниот, а правдата, мирот, среќата и безбедноста би биле протерани од земјата. Наместо божествените правила кои се „свети, праведни и добри“ (Римјаните 7,12), луѓето со сила сакале да постават закони што одговарале на намерите на нивното себично и свирепо срце.

Оние што се боеле од Господа, сесрдно се молеле Тој да посредува. „И Господ слезе да го види градот и кулата што ја градеа синовите човечки.“ Бог од милосрдие кон светот ги осуетил намерите на оние што ја граделе кулата и го урнал споменикот на нивната дрскост. Од милост им ги побркал јазиците со цел да ги оневозможи нивните бунтовни намери. Бог има големо трпение со луѓето и ја поднесува нивната изопаченост, оставајќи им доволно време да се покаат, но Тој забележува секој нивни обид да го отфрлат авторитетот на неговите праведни и свети закони. Повремено, невидливата рака што го држи скиптарот на власта се подига за да го спречи ширењето на безбожноста и беззаконието. Дадени се неспорни докази дека Творецот на вселената, Оној, чијашто мудрост, љубов и вистина немаат ниту почеток ниту крај, навистина има врховна власт на небото и на земјата и дека никој не може неказнето да ѝ пркоси на неговата сила. Плановите на градителите на Вавилон завршиле со срамен пораз. Споменикот на нивната гордост останал споменик на нивната лудост. Па сепак, луѓето продолжуваат да одат по истиот пат - потпирајќи се само на себе и отфрлајќи го Божјиот закон. Тоа е она начело што сатаната се обидел да го наметне уште на небото, истото она начело со кое се раководел Каин кога го донел својот принос.

И денеска има луѓе кои градат „кули“. Неверниците своите теории ги градат врз божемните заклучоци на науката, отфрлајќи го при тоа Божјето откровение дадено во неговата Реч. Се осмелуваат да кажат свое мислење и свој суд за Божјето морално владеење; го презираат и го омаловажуваат неговиот закон и се фалат дека, освен човечкиот разум, ништо друго не им е потребно. И бидејќи „нема веднаш осуда за грешното дело, срцето на синовите човечки врие во нив да прават зло“ (Проповедник 8,11).

Во таканаречениот христијански свет мнозина се одвраќаат од јасното учење на Библијата и својата вера ја градат врз човечки
124 теории и врз пријатни измислици. Тие укажуваат на својата „кула“ како пат по кој можат да се искачат на небото. И додека учат дека грешникот не мора да умре и дека спасението може да се обезбеди и без потчинување на Божјиот закон, луѓето со восхит просто се внесуваат во вешто срочените зборови на тие говорници. Кога оние што тврдат дека се Христови следбеници би биле готови да го прифатат Божјето мерило (неговиот закон), тоа би ги обединило; но сè додека ѝ се придава поголема важност на човечката мудрост отколку на неговата света Реч, ќе постои поделба, раздор и несогласија. Фактичката конфузија на денешните меѓусебно противречни секти и вероисповеди наполно одговара на изразот „Вавилон“ кој пророштвото (Откровение 14,8; 18,2) го применува на црквите во овие последни денови толку наклонети кон светот.

Мнозина се трудат себеси да си создадат небо стекнувајќи и обезбедувајќи си богатство и власт. Тие „пакосно зборуваат за насилство, зборуваат горделиво“ (Псалм 73,8), газејќи ги под нозе човечките права и омаловажувајќи го божествениот авторитет. Горделивите силници можат извесно време да имаат голема сила и власт, можат дури да бидат и успешни во сè што ќе преземат, но на крај ќе доживеат само разочарување и беда.

Близу е времето кога Бог ќе води истрага. Севишниот ќе слезе да види што изградиле синовите човечки. Ќе се открие неговата сила и неговата врховна власт, а делата на човечката гордост ќе бидат претворени во прав. „Од небото Господ се наведнува, сиот човечки род го набљудува; од своето живеалиште ги гледа сите жители на земјата“ (Псалм 33,13.14). „Господ ги разбива плановите на народите, ги спречува намерите на незнабошците. А плановите Господови се вечни и непоколебливи, од поколение на поколение остануваат неговите намери“ (Псалм 33,10.11).

11

# ГОСПОД ГО ПОВИКУВА АВРАМА

*Оваа г̄лва е заснована на 1. Мојсеева 12 г̄лава*

По напуштањето на Вавилон, идолопоклонството повторно станало речиси сеопшта појава, и Господ закоравените престапници конечно ги пуштил да одат по нивните лоши патишта, а од лозата на Сим го избрал Аврама да биде чувар на неговиот закон за идните поколенија. Аврам пораснал во средина проникната со суеверие и со незнабоштво. Дури и семејството на татко му, преку кое било сочувано сознанието за Бога, попуштило пред заводливите влијанија што го опкружувале и, освен на Јехова, „служело на други богови“.

Но вистинската вера не смеела да се угасне ниту да се уништи. Бог секогаш чувал еден мал остаток на верни кои му служеле. Адам, Сит, Енох, Матусал, Ное и други, непрекратно ги чувале драгоцените откровенија на неговата волја. Синот на Тара станал наследник на оваа света доверба. Идолопоклонството го мамело од сите страни, но напразно. Верен меѓу неверни, нерасипан со отпадот што сѐ повеќе се засилувал, тој истрајно, непоколебливо и предано му служел на единствениот и вистински Бог. „Близу е Господ до сите кои го бараат, до оние кои искрено го призиваат“ (Псалм 145,18). Тој на Аврама му ја соопштил својата волја и му дал јасно сознание за барањата на својот закон и за спасението овозможено преку Христа.

На Аврама му било ветено, што на луѓето во тоа време посебно им било мило, дека потомството ќе му биде многубројно и дека ќе доживее национална големина. „Од тебе ќе направам голем народ, и ќе те благословам, и името твое ќе го прославам, и самиот ти ќе бидеш благослов.“ Покрај тоа, тој добил и ветување кое за наследникот на верата било подрагоцено од сѐ друго, ветување дека од неговата лоза ќе се појави Искупителот на светот: „И во тебе ќе бидат благословени сите народи на земјата.“ Но прв услов за исполнување на овие ветувања било да се провери неговата вера; од него се барала извесна жртва.

126 Божјата порака упатена до Аврама гласела: „Излези од својата земја, и од својот дом, и од домот на татка си, па појди во земјата што ќе ти ја покажам јас“ (1. Мојсеева 12,1). За да може Бог да го оспособи за неговата голема идна задача - да биде чувар на светите пророштва и на живата Божја реч - Аврам морал да раскине секоја врска со своето дотогашно друштво. Влијанието на роднините и пријателите би го пречело воспитувањето под кое Господ имал намера да го подложи својот слуга. Бидејќи Аврам на посебен начин бил поврзан со небото, морал да живее меѓу странци. Морал да изгради посебен карактер, нешто што потполно ќе се разликува од светот. Своите постапки тој не можел да им ги објасни дури ни на своите пријатели. Она што има духовен карактер, можат да го сфатат само оние што се духовни; затоа неговите идолопоклонички роднини не можеле да ги сфатат неговите постапки ниту побудите што го навеле на тоа.

„Кога беше повикан, Аврам со вера послуша да појде до местото што сакаше да го добие во наследство, и тргна, не знаејќи каде оди“ (Евреите 11,8). Аврамовата готовност да послуша без никакво прашање или сомневање, претставува еден од највпечатливите примери на верата што можат да се најдат во целата Библија. За него верата навистина била „жива претстава за она на што се надеваме и докажување на она што не се гледа“ (Евреите 11,1). Потпирајќи се врз божественото ветување, без никаква опиплива гаранција дека тоа навистина ќе се исполни, тој го напуштил својот дом, роднините и земјата на своите предци и се иселил, не знаејќи каде, за да отиде таму каде што го води Бог. „Со вера се пресели Аврам во ветената земја, како во туѓа, и се настани под шатори со Исака и Јакова, наследници на истото ветување“ (Евреите 11,9).

Проверката на која бил изложен Аврам со ова не била ниту малку лесна, ниту жртвата што се барала од него била малечка. Постоеле силни врски што го врзувале за родното место, за роднините и пријателите, но тој не се колебал ниту се притеснувал да го прифати Божјиот повик. Во врска со ветената земја тој не поставувал прашања дали земјата е плодна, климата здрава, има ли таа земја погодна околина и дали дава можност за напластување на богатство. Бог рекол, а неговиот слуга требало само да послуша; за него најсреќно место на земјата било она што ќе му го одреди Бог.

И денеска мнозина се искушуваат на ист начин како и некогаш што е искушуван и проверуван Аврам. Иако тие не го слушаат Божјиот глас како им зборува непосредно од небото, Тој сепак ги повикува преку учењата на својата Реч и преку настаните на своето провидение. Тие можат да бидат повикани да го напуштат своето занимање што им ветува богатство и чест, да се откажат

од погодните и корисни врски и да се одделат од своите роднини 127
за да кренат на пат кој, навидум, пружа само тешкотии, самоотказкување и жртви. Бог ја определил задачата што тие треба да ја извршат; меѓутоа, полесниот живот и влијанието на пријателите и роднините би го попречувале развојот токму на оние особини што се најсуштествени за извршување на таа од Бога определена задача. Тој ги изделува од влијанието и од поддршката на луѓето и ги наведува да почувствуваат потреба од неговата помош и да зависат само од него за да може Тој да им се открие. Кој е готов при повикот на Провидението да се откаже од своите омилени планови, од семејните и од другите интимни врски со друштвото? Кој се согласува да ги прифати новите должности и да стапи во непознати области и со непоколебливо срце и доброволно да работи во Божјето дело, сметајќи ги за добивка загубите поднесени заради Христа? Оној што е готов да постапи вака има Аврамова вера и ќе може заедно со него да ја дели „вечната и од сè поважна слава“ (2. Коринќаните 4,17), славата според која „страдањата на сегашното време не се ништо“ (Римјаните 8,18).

На Аврама небесниот повик првпат му бил упатен додека се наоѓал во „Ур Халдејски“ и, прифаќајќи го повикот, тој преминал во Харан. До тоа место го придружувале татко му и уште некои членови на семејството, без оглед на тоа што тие службата на вистинскиот Бог ја поврзувале со идолопоклонството. Тука Аврам останал сè до смртта на Тара. Меѓутоа, сега божествениот глас му наредил да го напушти местото каде што се наоѓал гробот на татко му и да оди понатаму. Неговиот брат, Нахор, со членовите на своето семејство, не можел да се оддели од своето родно место и од своите идоли. Освен жената на Аврама, Сара, само синот на одамна починатиот Аран, Лот, решил да ја дели судбината на патничкиот живот на патријархот. Сепак, групата што кренала од Месопотамија не била толку малечка. Имајќи тогаш големи стада овци и говеда, што на Истокот претставувало богатство, Аврам бил опкружен со бројна група предани слуги и пастири. Ја напуштил земјата на своите татковци за никогаш веќе да не се врати во неа и, собирајќи со себе сè што имал, тргнал „со сето богатство што го стекнаа и со душите што беа ги добиле во Харан“. Мнозина од тие луѓе биле раководени од принципи далеку повисоки отколку што се службата и личниот интерес. За време на својот престој во Харан, Аврам и Сара со својот пример мнозина поттикнале да му служат на вистинскиот Бог. Тие луѓе биле цврсто врзани за семејството и за домаќинството на патријархот, придружувајќи го во ветената земја . „И појдоа во хананската земја и дојдоа во неа.“

Прво место во кое се запреле било Сихем. Аврам своите шатори ги поставил во сенките на Морешките дабја, во широка долина богата со трева, со маслинки и со живи извори. Од едната страна
128 била гората Евал, а од другата Гаризим. Патријархот влегол во прекрасната и добра земја - „во земјата каде што по полињата и планините течат потоци, а има и извори и езера; во земјата на пченица, јачмен, лозја, смокви и калинки; во земјата каде што има маслиново масло и мед“ (5. Мојсеева 8,7.8). Но слугата на Јехова во шумските кории и плодните рамнини го притискала тешка сенка. „Тогаш во таа земја живееја Хананци.“ Пристигнувајќи на целта, Аврам земјата на своите надежи ја затекол населена со туѓински племиња и полна со идолопоклонство. Во нејзините кории насекаде имало олтари подигнати во чест на лажните богови, а на околните горички на жртва на лажните богови биле принесувани човечки суштества. Иако се потпирал врз божественото ветување, сепак срцето додека ги подигал своите шатори не му било слободно од мачни претчувства. Тогаш „му се јави Господ на Аврама и му рече: На твоето семејство ќе му ја дадам оваа земја“. Со оваа гаранција дека божественото присуство е секогаш со него и дека не ѝ е препуштен на милоста на безбожниците, неговата вера била охрабрена. „И Аврам му направи тука жртвеник на Господа кој му се јави.“ Продолжувајќи го својот пат понатаму, набргу се преселил во еден предел недалеку од Ветил; и тука исто така подигнал олтар и го повикал името Господово.

„Божјиот пријател“, Аврам, ни оставил еден достоен пример. Неговиот живот бил живот на молитва. Каде и да ги поставил своите шатори, во непосредна близина подигал и олтар, повикувајќи ги сите членови на своето домаќинство да присуствуваат на утринската и вечерната жртва. Кога би ги собрал своите шатори и би се преселил на друго место, олтарот останувал. Во подоцнежните години имало многу патници, Хананци, кои ги прифатиле поуките примени од Аврама, и секогаш кога некој од нив би наишол на ваков олтар, веднаш знаел кој бил пред него на тоа место и, поставувајќи свој шатор, патникот веднаш би го поправил и олтарот и тука би му се молел на живиот Бог.

Аврам продолжил да се движи кон југ, и тогаш неговата вера уште еднаш била ставена на проверка. Небото не давало дожд, потоците во долините пресушиле, а тревата по рамнините почнала да венее и да се суши. Стадата овци и говеда не наоѓале веќе пасишта, и на целата населба ѝ се заканил глад. Дали патријархот сега се посомневал во водството на Провидението? Зар не си припомнувал копнежливо за изобилството на халдејските рамнини? Сите желно и со нетрпение чекале да видат што ќе стори Аврам,

откако доживувал последователни удари. Сè додека неговата вера изгледала непоколеблива, сите чувствувале дека уште има надеж. Биле цврсто уверени дека Бог е негов пријател и дека Тој сè уште го води. 129

Аврам не можел да го објасни водството на Провидението; неговите очекувања не се овистиниле; но тој сепак цврсто верувал во ветувањето: „Ќе те благословам и името твое ќе го прославам, и ти ќе бидеш благослов." Со најсрдечна молитва размислувал како да го одржи животот на својата челад и на своите стада. Но не дозволувал настанатите околности да ја поколебаат неговата вера во Божјиот збор. За да го избегне гладот, се упатил во Египет. Тој не раскинал со Ханан, ниту во својата крајно тешка неволја се вратил во земјата халдејска од која дошол и во која не се знаело за скудност, туку се обидел привремено прибежиште да најде колку што е можно поблизу, не оддалечувајќи се во никој случај од ветената земја и планирајќи што побргу да се врати во неа, зашто тука го упатил Бог.

Во своето провидение Господ дозволил Аврама да го снајде ова искушение за да го научи на потчинетост, на трпение и вера - на поуки што требало да бидат запишани за добро на оние кои подоцна ќе бидат повикани да поднесат страдања и неволји. Бог своите деца ги води по пат кој ним не им е познат, но Тој никогаш не ги заборава ниту ги отфрла оние што се надеваат во него. Тој дозволил Јова да го снајдат маки и неволји, но не го заборавил ниту него. Дозволил саканиот Јован да биде протеран во самотија на пустиот остров Патмос, но токму таму се сретнал со Божјиот Син и од него го добил Откровението исполнето со сцени на бесмртна слава. Бог дозволува неговиот народ да биде опсипуван со искушенија за со истрајност во верата и со послушност духовно да се збогати и со својот пример да може да стане извор на сила за други. „Зашто ги знам мислите што ги мислам за вас, вели Господ, замислите за добро, а не за зло" (Еремија 29,11). Токму оние искушенија кои нашата вера ја ставаат на најтешка проверка и предизвикуваат впечаток како Бог да нè напуштил, треба најмногу да нè приближат до Христа за да можеме сите наши товари да ги положиме пред неговите нозе и да примиме спокојство што ќе ни го даде Тој во замена за сето тоа.

Бог својот народ секогаш го проверувал во огнена печка на неволји. Во пламенот на усвитената печка вистинското злато на христијанскиот карактер се изделува од троскотот. Исус будно го следи процесот на пречистување; Тој знае што е потребно за драгоцениот метал да се очисти за да може да ги одблеснува зраците на неговата љубов. Токму со тие тешки искушенија и

проверки Бог своите слуги ги учи и ги прави кротки. Тој гледа дека поединци имаат способности што успешно би можеле да се употребат во неговото дело и нив Господ ги става на проверка. Во своето провидение Тој ги доведува во положба и во околности кои претставуваат проба и проверка за нивниот карактер и им ги откриваат недостатоците и слабостите за кои дури ни самите тие
130 не знаеле. Тој им дава можност да ги отстранат тие недостатоци и да се оспособат за неговата служба. Им ги покажува нивните слабости и ги учи да се потпрат на него како на своја единствена помош и сигурност. Така се исполнува неговата цел. Тие се изградуваат, се воспитуваат, се дисциплинираат и се приготвуваат да ја исполнат големата задача, онаа заради која им се дадени нивните способности. Кога Бог ги повикува за делото, тие се подготвени, а небесните ангели можат да се соединат со нив во определената задача што треба да се изврши на земјата.

За време на својот престој во Египет, Аврам покажал дека ни тој не бил слободен од човечки слабости и несовршености. Прикривајќи го фактот дека Сара е негова сопруга, покажал недоверба во божествената заштита, еден недостиг на онаа возвишена вера и храброст кои толку често и благородно го обележувале неговиот живот. Сара била жена со убаво лице, со изразито бел тен, и тој помислил дека црномурестите Египќани сигурно ќе ја посакаат како убава туѓинка и дека ниту малку нема да се притеснуваат да ѝ го убијат мажот за да можат да ја земат. Тоа го навело на заклучок дека ниту малку нема да згреши ако со невистинито тврдење ја претстави Сара како своја сестра, зашто таа всушност и му била сестра од татко му, иако не и од мајка му. Но тоа затајување на нивниот вистински меѓусебен однос била измама. Никакво отстапување од строгата исправност не може да му биде угодно на Бога. Со тоа што немал доволно вера, Аврам Сара ја изложил на голема опасност. Дознавајќи за нејзината убавина, египетскиот цар наредил да ја доведат на неговиот двор, планирајќи да ја земе за жена. Но Господ, во својата голема милост ја заштитил Сара, казнувајќи го царското семејство. Така монархот ја дознал вистината за сето ова, и разочаран што го измамиле, го прекорил Аврама и му ја вратил жената, велејќи: „Зошто ми го стори тоа? ... Зошто рече - сестра ми е - па сакав да ја земам за жена. Сега, пак, ете ти ја жената, земи ја и оди си!“

Царот многу го почитувал Аврама. Дури ни по ова не дозволил ништо да му се случи ниту нему ниту на неговата челад, туку наредил, заради сигурност, да го придружува стража сè додека се наоѓаат во неговата држава. Во тоа време на Египќаните со закон им било забрането да се мешаат со странските пастири и со нив

да јадат и да пијат. Фараонот љубезно и великодушно го пуштил Аврама да биде слободен, но му наредил да го напушти Египет, не осмелувајќи се да му дозволи натамошен престој. Не знаејќи, тој за малку не му нанел голема навреда; но Бог се вмешал и го спасил царот да не направи толку голем грев. Фараонот кај тој странец видел човек кого го цени небесниот Бог и му укажува почит, и се плашел во неговото царство да остане човек кој толку очигледно бил под заштита на божествената милост. Доколку Аврам би останал во Египет, неговото сè поголемо богатство и углед би можеле да предизвикаат завист и похот кај Египќаните, и би можела да му се нанесе некоја навреда за која владетелот би бил сметан за одговорен, па царското семејство повторно би го снашла казна. 131

Опомената дадена на фараонот му послужила на Аврама како заштита во неговите подоцнежни односи со незнабожечките народи, зашто таа случка не можела да остане во тајност, и се покажало дека Бог, на кого му служи Аврам, го штити својот слуга, и дека секоја навреда, нанесена нему, би му се одмаздила на самиот навредувач. Опасно е да се навредува и да се малтретира некој кој е дете на небесниот Цар. На ова поглавје од Аврамовиот живот мисли псалмистот кога, зборувајќи за одбраниот народ, кажува дека Бог „... поради нив казнуваше цареви; не гибајте ги моите помазаници, не нанесувајте им зло на моите пророци“ (Псалм 105,14.15).

Постои интересна сличност меѓу доживувањето на Аврама во Египет и она што го доживеале тука неговите потомци по неколку века. И во првиот и во вториот случај тие се упатиле во Египет поради гладот што настанал, и во обата случаја таму биле задржани. Бидејќи поради нив ги снаоѓале Божји казни, Египќаните ги обзел страв од нив; и затоа, збогатени со подароци примени од тие незнабошци, потомците на Аврама излегле оттаму „со големо богатство“ (1. Мојсеева 15,14).

12

# АВРАМ ВО ХАНАН

*Оваа глава е заснована на 1. Мојсеева 13 - 15 гл.; 17,1-16 и 18 гл.*

Аврам се вратил во Ханан „мошне богат со добиток, со сребро и злато“. Лот сè уште бил со него и повторно дошле во Ветил и своите шатори ги поставиле крај олтарот што го изградиле уште тогаш кога првпат се запреле тука. Набргу се осведочиле дека зголемувањето на богатството донесува со себе и поголеми тешкотии. Додека се мачеле и имале искушенија, живееле заедно и убаво се сложувале, а со појавувањето на благосостојбата се појавила опасност што се заканувала да ги скара. Пасиштата не биле доволно пространи за многубројните стада овци и говеда на двајцата нив, а често несогласијата меѓу пастирите предизвикувале расправии и меѓу нивните стопани. Било очигледно дека мора да се разделат. Аврам од Лота бил постар по години, а право на првенство имал и според роднинството и според положбата и богатството. Сепак, тој бил прв што предложил помирливо решение. Иако сета таа земја нему му ја дал лично Бог, тој великодушно се откажал од тоа право: „Не треба да се караме јас и ти, ни моите пастири со твоите пастири, зашто сме роднини. Нели е пред тебе целата земја? Оддели се од мене. Ако тргнеш ти на лево, јас ќе тргнам на десно; ако ти појдеш на десно, јас пак на лево.“

Овде се покажала благородноста и несебичноста на Аврамовиот дух. Колку има такви кои под слични услови, изложувајќи на опасност сè, упорно би ги барале своите лични права и предимства! Колку семејства се растуриле токму поради тоа! Колку цркви се растуриле, а делото Божје станало предмет на презир и подбив меѓу неверните! „Не треба да се караме јас и ти“, вели Аврам, „зашто сме роднини“; и тоа не само според природното роднинство, туку и како почитувачи на вистинскиот Бог. Божјите деца во цел свет сочинуваат едно семејство и сите треба да се раководат од истиот
133 дух на љубов и помирливост. „Љубете се срдечно еден со друг со братска љубов! Предничите во укажување на чест еден на друг“ (Римјаните 12,10). Тоа е учење на нашиот Спасител. Кога секогаш

кон секого без разлика би биле пријателски наклонети и кога на другите би им го правеле само она што сакаме нам да ни се прави, би исчезнала барем половината од злото и од неволјите што ги носи животот со себе. Духот на самоувереност е дух на сатаната, но срцето во кое се негува Христова љубов ќе има и љубов кон ближниот, љубов која „не го бара своето“ (1. Коринќаните 13,4.5). Таквото срце ќе го послуша божествениот налог: „Не грижете се секој само за себе, туку и за другите“ (Филипјаните 2,4).

Иако Лот за својата благосостојба требало да ѝ заблагодари токму на својата врска со Аврама, сепак, не покажал никаква благодарност кон својот добротвор. Учтивоста налагала правото на избор да му го препушти на Аврама, но наместо да постапи така, тој се потрудил сите предимства при бирањето да ги приграби за себе. „Тогаш Лот ги крена своите очи и ја виде целата Јорданска долина која, пред Бог да ги уништи Содом и Гомор, сета, сѐ до Сигор, се напојуваше со вода како Божјиот рај и како египетската земја.“ Најплоден предел во цела Палестина била Јорданската долина која посматрачот го потсетувала на загубениот рај, а според убавината и плодноста личела на долината што ја натопува реката Нил, од каде штотуку се вратиле. Тука имало и многу прекрасни и богати градови чиишто дуќани и пазари биле преполни со свет и ветувале успешна трговија. Заслепен со изгледите за земна добивка, Лот не бил во состојба да ги согледа моралните и духовните зла со кои морал да се сретне тука. Жителите на таа долина „беа расипани и многу му грешеа на Господа“; но Лот за тоа ништо не знаел или, иако знаел, сметал дека тоа не е важно. И „ја избра за себе сета Јорданска долина, и отиде Лот на исток..., преместувајќи ги своите шатори до Содом“. Колку малку ги предвидувал ужасните последици на својот себичен избор.

По разделбата со Лот, Аврам уште еднаш добил од Господа ветување дека сета таа земја ќе му припадне на неговото потомство. Набргу потоа тој преминал во Хеврон, поставувајќи го својот шатор под мамриските дабја, и тука му подигнал олтар на Господа. На свежиот воздух на оваа висорамнина, каде што имало маслинки и лозја, а по сите околни брекчиња родни полиња и пространи пасишта, Аврам живеел потполно задоволен со својот едноставен патријархален живот, препуштајќи му го на Лот опасното изобилство и раскошот на содомската долина.

Околните народи Аврама го почитувале како моќен кнез и мудар и способен поглавар. Тој соседите не ги лишувал од своето влијание. Неговиот живот и карактер, видливо различни од 134
животот на тие идолопоклоници, вршеле мошне силно влијание во прилог на вистинската вера. Во својата преданост кон Бога бил

непоколеблив, додека со својата љубезност и добронамерност влевал доверба и се здобивал со пријателство. А неговата природна големина му носела признание и висока почит.

Својата вера не ја сметал за толку скапоцено богатство за да го чува толку љубоморно што во него да не може да ужива никој друг освен сопственикот. Вистинската вера не може да се сфаќа така, зашто таквото сфаќање е противно на начелата на евангелието. Сè додека Христос живее во срцето на човекот, не е можно да се скрие светлината на неговото присуство, ниту пак таа светлина може да ослаби или да се угасне. Напротив, таа од ден на ден сè повеќе ќе блескоти додека маглата на себичноста и на гревот што ја обвива душата не исчезне пред светлите зраци на Сонцето на правдата.

Припадниците на Божјиот народ се негови претставници на земјата и негова намера е тие да бидат светлина во моралната темнина што го покрива овој свет. Расеани по сета земја - по градовите, населбите и селата - тие се Божји сведоци, канали низ кои Тој сака на неверниот свет да му пренесе сознанија за својата волја и за чудесата на својата милост. Според Божјиот план, сите што треба да учествуваат во големото спасение, треба да бидат негови мисионери. Побожноста на христијаните претставува мерило според кое луѓето на овој свет го ценат евангелието. Стрпливото поднесување на неволјите, примањето на благословите со благодарност, храброто одолевање на искушенијата, покажувањето на кротост, милост и љубов така што тоа да ни премине во навика - тоа се видела низ кои блескоти вистинскиот карактер, а тој нема ништо заедничко со темнината на себичното срце во кое никогаш не заблескала светлината на животот.

Богат во верата, благороден во великодушноста, непоколеблив во послушноста и скромен и едноставен во својот патнички живот, Аврам бил исто така мудар во дипломатијата, а во војната храбар и вешт. Иако бил познат како учител на нова вера, сепак, владетелите на аморејските рамнини, во кои тој ги преместувал своите шатори, три цара, кои инаку биле браќа, покажале пријателство кон него повикувајќи го да стапи во сојуз со нив заради поголема безбедност, зашто земјата била полна со насилство и со угнетување. Набргу му се дала можност од овој сојуз да извлече корист.

Еламскиот цар, Ходологомор, четиринаесет години пред тоа навлегол во Ханан и го потчинил. Некои од домородечките кнезови сега се одметнале, не сакале веќе да му служат на еламскиот цар, па овој со своите сојузници повторно навлегол во земјата за да ги
135 принуди на покорност. Пет ханански цареви ги обединиле своите сили и ги пресретнале напаѓачите во Сидимската долина, но биле наполно поразени. Голем дел од војската бил разбиен и уништен.

А оние што побегнале барале засолниште на околните планини. Победниците ги ограбувале градовите во долината и се вратиле со богат плен и со многубројни заробеници, меѓу кои се наоѓал и Лот со своето семејство.

Живеејќи спокојно во сенките на мамриските дабја, Аврам од еден бегалец дознал за резултатот на битката и за несреќата што го снашла и неговиот внук. Наспроти суровата неблагодарност на Лота, кај него не се задржал никаков лош спомен. Во неговото срце се разбудиле сите негови чувства на љубов и сожалување и решил да го спаси. Барајќи, пред сѐ друго, божествен совет, Аврам се приготвувал за војна. Од својот сопствен логор повикал триста и осумнаесет слуги обучени за борба, луѓе кои биле научени да се бојат од Бога, да го слушаат својот стопан и да ракуваат со оружје. Неговите сојузници: Мамриј, Есхол и Авнан му се придружиле со своите чети и заедно се упатиле да ги прогонуваат напаѓачите. Еламците и нивните сојузници биле улогорени кај местото Дан, на северната граница на Ханан. Опиени со дотогашните победи, и не плашејќи се дека би можел да ги нападне веќе победениот непријател, безгрижно се предале на пирување. Патријархот своите борбени сили ги поделил така за во логорот да се навлезе од сите страни, а препадот е извршен ноќе. Толку силниот и неочекуван напад завршил со брза и целосна победа. Еламскиот цар бил убиен а неговата војска, опфатена од панична избезуменост, била потполно уништена. Лот и неговото семејство, заедно со другите заробеници и со нивното богатство, биле ослободени, и во рацете на победникот паднал богат плен.

За овој триумф прво требало да му се заблагодари на Бога, па веднаш потоа на Аврама. Почитувачот на Јехова ѝ направил голема услуга на земјата во која живеел и се покажал како исклучително храбар и смел човек. Се покажало дека праведноста не значи страшливост и дека на Аврама неговата вера му дала сила и смелост да се заложи за правдата и да ги одбрани угнетените. Со своето јуначко дело стекнал голем углед и влијание меѓу околните племиња. При враќањето во пресрет му излегол содомскиот цар со своја придружба за да му укаже чест како на победник. Го молел богатството да го задржи за себе, а да ги пушти само заробениците. Според воените обичаи, военото плен му припаѓал на победникот, но Аврам во овој поход не се упатил со цел да оствари некаква добивка, и ја одбил понудата да ја искористи туѓата несреќа; единствено барал на неговите сојузници да им се даде она на што имале право.

Малку има такви кои во вакво искушение би се покажале толку 136
благородни како Аврам. Малку се оние што би му одолеале на
искушението да се доберат до богат плен. Неговиот пример прет-

ставува укор за оние што имаат себичен, користољубив и поткуплив дух. Аврам ги почитувал барањата на правдата и човечноста. Неговата постапка е олицетворение на библиското начело: „Љуби го својот ближен како самиот себеси“ (3. Мојсеева 19,18). „Ја кревам својата рака“, рекол тој, „кон Севишниот Господ Бог, Создател на небото и земјата, дека ни конец, ниту пак ремен од обувки, нема да земам од сè она што е твое, да не речеш - јас го збогатив Аврама.“ Не сакал да даде повод да се мисли дека пошол во војна заради добивка, или дека за својата благосостојба треба да им благодари на подароците или на нечија милост. Бог ветил дека ќе го благослови Аврама и нему требало да му се припише сета чест и слава.

Друга личност која излегла со добредојде пред патријархот како победник бил Мелхиседек, царот салимски, кој донел леб и вино за да му ја освежи војската. Како „свештеник на Севишниот Бог“, тој го благословил Аврама и му заблагодарил на Господа што преку својот слуга извршил толку величествено ослободување. „И Аврам му даде десеток од сè.“

Аврам задоволен се вратил во своите шатори и кај своите стада, но душата му ја обземале мисли што носат неспокојство. Тој бил мирољубив човек и одбегнувал секакво непријателство и караници колку што било во негова моќ. Со ужас си споменувал за страшната сцена на крвопролевањето што се одигрувала пред неговите очи. Но народите, чиишто војски тој ги поразил, повторно ќе навлезат во Ханан; во тоа нема сомнение, и тој посебно ќе биде предмет на нивна одмазда. Бидејќи на тој начин бил вплеткан во националните караници, спокојството на неговиот мирен живот било нарушено. Освен тоа, тој уште не стапил во посед на Ханан како ветена земја ниту пак сега веќе можел да се надева дека ќе добие наследник врз кого би можело да се исполни даденото ветување.

Една ноќ Аврам повторно во визија го слушнал божествениот глас: „Не бој се, Авраме, јас сум ти штит, и платата твоја е мошне голема.“ Но злослутен страв толку тешко го притискал неговиот дух, што не бил веќе во состојба даденото ветување да го прифати со безусловна доверба како порано. Се молел да му се даде некаков опиплив доказ дека ветувањето навистина ќе се исполни. А како може да се исполни ветувањето кога уште не добил син? „Што ќе ми дадеш кога живеам без деца... Ете, мене не си ми дал пород, па слугата, роден во мојата куќа, ќе биде мој наследник.“ Предложил својот предан слуга Елиезер да го посвои како син и да го стори
137 наследник на својот имот. Но дадено му е цврсто ветување дека негов наследник ќе биде негов роден син. Потоа му било кажано да излезе од шаторот и да погледне кон безбројните ѕвезди што

трепкале на небото. Кога постапил така, се слушнале зборовите: „Толкаво ќе биде семето твое.“ И „Аврам му поверува на Бога и тоа му се прими во правда“ (Римјаните 4,3).

Патријархот сè уште се молел за некој видлив знак што би ја засилил неговата вера, а на идните поколенија би им послужил како доказ дека Божјите милостиви намери навистина ќе се исполнат. Господ се согласил со својот слуга да склучи сојуз, при што се послужил со церемонијалот кој меѓу луѓето обично се применувал како потврда на некоја свечена обврска. Според божественото упатство, Аврам принел на жртва јуница, коза и овен, секое по три години старо. Ги преполовил по средината и расечените делови ги поставил еден спроти друг на извесно растојание. Кон тоа додал грлица и гулапче, но нив не ги расекол. Кога го сторил сето тоа, со страхопочит поминал меѓу разделените делови на жртвата и му се заветувал на Бога на вечна послушност. Сè до зајдисонце будно и истрајно бдеел над телата на закланите животни внимавајќи да не ги осквернат и да не ги изедат птици грабливки. Кога сонцето зашло, заспал со длабок сон, при што „го обзеде голем страв и мрак.“ На сон го слушнал Божјиот глас да не очекува дека веднаш ќе стапи во посед на ветената земја , туку му е обрнато внимание на страдањата што ќе мора да ги поднесат неговите потомци пред конечно да се настанат и да се зацврстат во Ханан. Му бил откриен планот за откуп во кој Христовата смрт претставува голема жртва, а го видел и неговото доаѓање во слава. На Аврама исто така му била покажана обновената земја во сета нејзина едемска убавина, што ќе му биде дарувана засекогаш, како конечно и целосно исполнување на ветувањето.

Како залог на тој Божји завет со луѓето „чуреше печка, и оган“ - симбол на божественото присуство - „поминуваше меѓу тие делови“ и потполно ги спалил. Уште еднаш Аврам слушнал глас што потврдил дека хананската земја ќе им биде дадена на неговите потомци „од Египетскиот поток до големата река Еуфрат“.

Кога Аврам поминал во Ханан околу дваесет и пет години, „му се јави Господ и му рече: ’Јас сум Бог семожен! Живеј според мојата волја и биди чесен’“. Патријархот со страхопочит паднал ничкум и слушал понатаму: „Ќе склучам сојуз (завет) со тебе и многу ќе те намножам.“ Како надворешен знак дека ќе се исполни 138
тој завет, неговото име, кое до тогаш се изговарало кратко Аврам, се променило така да се изговара подолго и понагласено Авраам, што значи „татко на многу народи“. И името на Сара е променето на сличен начин, а изговорено со нов нагласок значело „кнегиња“, зашто „ќе ја благословам и ќе биде мајка на многу народи, и цареви на народи ќе излезат од неа“.

Во тоа време на Аврама му бил даден обредот обрезание „како печат на вистинската вера што ја имаше додека не беше обрезан" (Римјаните 4,11). Тоа за патријархот и за неговите потомци требало да биде знак дека се посветени на Божјата служба и изделени од идолопоклониците и дека Бог ги прифаќа како свое посебно богатство. Со тој обред тие се обврзале дека верно ќе ги исполнуваат условите на заветот направен со Аврама. Не смееле да склучуваат брачни врски со незнабошците зашто со тоа би ја загубиле страхопочитта кон Бога и кон неговиот свет закон; би се изложиле на искушение да учествуваат во грешните обичаи на незнабошците и да бидат вовлечени во идолопоклонство.

Бог на Аврама му укажал голема чест. Небесните ангели му се јавувале и разговарале со него како што разговара пријател со пријател. Кога требало да се изврши пресудата над Содом, тоа од него не се криело, и тој требало да биде застапник на грешниците пред Бога. Неговото општење со ангелите покажува исто така убав пример на гостољубивост.

Едно жешко летно попладне патријархот седел пред вратата на својот шатор и, посматрајќи ја мирната панорама на пределот пред себе, во далечината забележал тројца патници како се приближуваат. Пред да наближат до неговиот шатор, странците застанале, како да се договараат што треба да сторат. Не чекајќи да го замолат за гостопримство, Аврам бргу станал и, бидејќи се чинело дека се упатиле во друг правец, побрзал со голема љубезност да ги одоброволи да му укажат чест со тоа што ќе свратат кај него да се освежат. Со свои раце донел вода да ги измијат прашливите нозе од одењето пеш. Самиот испланирал со што ќе ги нагости и, додека тие се одморале во пријатната сенка, им зготвил јадење, па од почит стоел крај нив додека јаделе и уживале во неговото гостопримство. Овој израз на учтивост Бог го сметал за доволно значаен да се запише во неговата Реч; и повеќе од илјада години подоцна вдахновениот апостол, мислејќи токму на тоа, пишува: „Гостољубивоста не заборавајте ја, бидејќи преку неа некои, и не знаејќи, им укажаа гостопримство на ангели" (Евреите 13,2).

139 Аврам во своите гости видел само тројца уморни патници, не помислувајќи дека меѓу оние што ги послужувал бил и Оној кој е непогрешен. Меѓутоа, сега се открил вистинскиот карактер на небесните весници. Иако на пат кренале како весници на гнев, тие на Аврама, на човекот од вера, прво му зборувале за благословите. Иако Бог е строг да го жигоса злото и да ги казни престапниците, Тој не наоѓа некое уживање во одмаздата. Делото на уништување е „необична работа" за Оној чијашто љубов е бесконечна.

„Тајната Господова лежи во оние што се бојат од него“ (Псалм 25,14). Аврам го почитувал Бога, но и Господ го почитувал него, упатувајќи го во своите совети и откривајќи му ја својата волја. „Како би криел од Аврама?“ - рекол Господ. „Голем повик е против Содом и Гомор, и гревовите нивни се претешки. Затоа ќе слезам за да узнаам и да видам дали така се прави, како што повик доаѓа до мене, или не.“ Бог мошне добро ја знаел големината на содомските гревови, но се изразил со зборови разбирливи за луѓето за да може да се сфати праведноста на неговата постапка. Пред да се изврши пресудата над престапниците, Тој бил готов сам да оди кај нив и уште еднаш да го преиспита нивниот начин на живеење и, доколку не ја преминале границата на божествената милост, да им даде можност за покајание.

Двајца од небесните весници заминале, оставајќи го Аврама насамо со Оној за кого сега знаел дека е Божјиот Син. И човекот од вера најсесрдно се зазел за жителите на Содом. Еднаш ги спасил со својот меч, а сега се трудел да ги спаси со своите молитви. Лот со своето семејство сè уште живеел таму, а несебичната љубов што го натерала Аврама да ги спасува од Еламците, сега правела сè што можело да се стори, ако е тоа Божја волја, да ги спаси од
лутњата на божествената пресуда. 140

Со длабока страхопочит и понизност тој ја изложил својата молба: „Ете, сега би му проговорил на Господа иако сум прав и пепел.“ Не бил самоуверен ниту се расфрлал со својата правда. Правото на милост не го засновал на својата послушност или на жртвата што ја принел извршувајќи ја Божјата волја. Чувствувајќи се и самиот грешник, се залагал за грешниците. Таков дух треба да поседуваат сите што пристапуваат кон Бога. Аврам покажал токму онаква доверба каква што покажува дете кога за нешто го моли саканиот татко. Му пристапил сосема близу на небесниот весник и најсесрдно упорно ја повторувал својата молба. Иако Лот бил еден од доселениците во Содом, тој не учествувал во беззаконието на неговите жители. Аврам мислел дека во тој голем град мора да има и други почитувачи на вистинскиот Бог. Имајќи го тоа предвид, преколнувал: „Не е можно така да постапиш ти, да погубиш праведни со неправедни заедно, та исто да се случи со праведникот како и со неправедникот; не, тоа од тебе не; зар Судијата на целата земја нема да суди право?“ Аврам не молел само еднаш, ами повеќе пати. Гледајќи дека неговите молби наидуваат на одговор, се охрабрил и продолжил да моли сè додека не добил гаранција оти градот ќе биде поштеден ако во него се најдат само десет праведници.

Аврамовата молитва била проникната со љубов кон душите што биле осудени на пропаст. Додека чувствувал одвратност кон гревовите на изопачените жители на тој град, тој сакал тие грешници да се спасат. Неговото толку длабоко и искрено интересирање и залагање за жителите на Содом покажува колкава загриженост би морале и ние да чувствуваме за непокајаните. Гревот треба да се мрази, а грешникот треба да се сака и да се има кон него сомилост. Насекаде околу нас се наоѓаат души кои безнадежно заминуваат во пропаст, страшна исто толку колку и онаа што го снашла Содом. Секој ден за некого значи крај на времето што му било одредено да се провери. Секој миг некои ја преминуваат границата зад која милоста веќе не допира. А каде се весниците со опомена и со сесрдно преколнување да го повикаат грешникот
141 да ја одбегне таа страшна судбина? Каде се рацете подадени да го оттргнат од смртта? Каде се оние кои понизно и со истрајна вера би го молеле Бога за него?

Духот што го покажал Аврам е Христов дух. Божјиот Син е најискрен посредник за добро на грешниците. Тој, кој платил висока цена за нивниот откуп, ја знае вредноста на човечката душа. Тој кон гревот чувствувал одвратност каква што може да постои само во една беспрекорно чиста душа, но кон грешникот покажувал љубов што може да ја сфати само бесконечната доброта. Во своите претсмртни маки на крстот, додека и самиот бил под страшниот товар на гревовите на цел свет, Тој за своите убијци и за сите што го исмевале, се молел: „Оче, прости им, зашто не знаат што прават“ (Лука 23,34).

Апостол Јаков за Аврама кажува: „И се нарече Божји пријател“ (Јаков 2,23); а апостол Павле за него кажува дека е „татко на сите што веруваат“ (Римјаните 4,11). Божјето сведоштво за верниот патријарх гласи: „Аврам го слушаше мојот глас и ги пазеше моите заповеди, моите правила и моите закони.“ А на друго место кажува: „Оти него го избрав за да им заповеди на своите синови и на својот дом по себе да одат по патот Господен и да извршуваат правда и суд за да може Господ да го исполни она што му го вети на Аврама.“ За Аврама била голема чест што бил повикан да биде татко на нација која со векови ќе биде чувар и повереник на Божјата вистина наменета за овој свет - нација преку која сите народи на земјата треба да бидат благословени со доаѓањето на ветениот Месија. Но Оној, кој го повикал патријархот за оваа задача и му ја укажал таа голема чест, видел дека тој е достоен за тоа. Тие зборови ги изговорил Господ. Оној кој „ги чита помислите оддалеку“ и за луѓето суди право, рекол: „Јас знам за него.“ Никогаш Аврам не отстапил од вистината од себични побуди. Секогаш се придржувал

кон законот и постапувал праведно и искрено. И не само самиот тој што се боел од Бога, туку верата ја развивал и ја издигнувал и во својот дом. Ги учел на правда и исправност и членовите на своето семејство. Божјиот закон бил правило во неговиот дом.

Аврамовото домаќинство броело повеќе од илјада души. Оние кои под влијание на неговото учење решиле да му служат на вистинскиот и единствениот Бог, во неговиот логор наоѓале свој дом; и тука, како во некое училиште, примале поуки со кои се приготвувале да станат претставници на вистинската вера. Поради тоа врз Аврама почивала голема одговорност. Тој ги обучувал старешините на домовите и неговиот начин на раководење така се пренесувал и во домаќинствата со кои тие требало да управуваат.

Во прво време таткото бил господар и свештеник во семејството, а синовите и ќерките му се покорувале, почитувајќи го неговиот авторитет дури и тогаш кога веќе и секој од нив би основал свое семејство. Неговите потомци биле научени во него да гледаат како во свој старешина и во верските и во земните прашања. Аврам настојувал да го овековечи тој патријархален систем на управување со семејството, бидејќи тој во значителна мера придонесувал да се сочува знаењето за Бога. Било потребно членовите на семејството да се поврзат меѓусебно за да изградат бедем против идолопоклонството кое било мошне распространето и длабоко вкоренето. Со сите можни средства што му стоеле на располагање, Аврам се трудел жителите на својот логор да ги сочува да не се мешаат со незнабошците и да не ги гледаат нивните идолопоклонички обичаи, зашто знаел дека блискоста со злото незабележано ќе ја расипе и ќе ја ослаби преданоста кон вистинските начела. Најголема грижа му била од умовите на оние што ги поучувал да исклучи секој облик на лажна вера и живо да им го предочи величеството и славата на живиот Бог на кого единствено треба да му се молат.

Сам Бог тоа мудро го уредил изделувајќи ги своите верни, колку што било можно, од секоја врска со незнабошците и создавајќи од нив самостојна нација која немала ништо заедничко со другите народи. Тој го повикал Аврама да се одвои од своите идолопоклонички роднини за патријархот да може членовите на своето семејство да ги воспитува непречено од заводливите влијанија со 142
кои би бил опкружен во Месопотамија, и за неговите потомци од поколение во поколение да можат да ја сочуваат вистинската вера во сета нејзина чистота.

Љубовта кон своите деца и кон членовите на своето домаќинство го навела Аврама да ги пази нивните верски убедувања, и знаењето за божествените уредби и закони да им го пренесе како најсвет завет што можел да им го остави ним, а преку нив и на

цел свет. Сите биле поучени дека се наоѓаат под власт на Бога кој е на небото. Родителите не смееле да ги малтретираат своите деца ниту врз нив да вршат притисок, а децата не смееле да бидат непослушни. Божјиот закон на секого му пропишал должности, и среќа и благосостојба можат да се обезбедат само ако се прифати тој закон.

Со својот личен пример, со тивкото влијание на својот секојдневен живот, давал постојана поука. Во тој дом се покажувале непоколеблива чесност, човекољубие и несебична учтивост - особини што предизвикувале восхит кај царевите. Мирисот на таквиот живот, благородноста и љубезноста на неговиот карактер, им откривале на сите дека тој бил повикан од небото. Тој не ја занемарувал душата ниту на најнискиот слуга. Во неговото домаќинство за слугата не важел друг закон туку истиот како и за господарот, ниту пак постоела царска патека за богатиот, а друга за сиромавиот. Со сите се постапувало како со рамноправни наследници на благодатта на животот и тоа правично и сочувствително.

„Тој ќе му заповеди на својот дом по себе." Тој нема да биде виновен поради немарност да ги заузди лошите навики на своите деца, нема да ги размази со својата слабост, со својата несовршеност и попуштање; ниту ќе го жртвува чувството на должност пред барањето на погрешно сфатената љубов. Давајќи поуки за правдата и исправноста, Аврам со тоа го поддржувал и авторитетот на праведните и добрите закони.

Колку малку има такви во нашите денови кои го следат овој пример! Кај многу родители се јавува слепа и себична сентименталност, погрешно наречена љубов, која се покажува во тоа што дозволуваат со нивната волја да владеат децата чиишто страсти се уште нескротени, а расудувањето недозреано и неоформено. Тоа е вистинска свирепост кон младите и најголема неправда кон светот. Родителите со своето попуштање внесуваат нехармоничност во семејството и во општеството. Тоа кај младите ја засилува желбата да ги раководат нивните склоности наместо да ги прифатат божествените барања. Израснати во таков дух, тие во срцето носат одбивност кон Божјата волја и својот нерелигиозен и непокорен дух го пренесуваат на своите деца и на децата на нивните деца. Родителите би требало да му заповедаат на својот дом и „откако
143 ќе заминат", како што го правел тоа Аврам. Учете ги децата да го почитуваат родителскиот авторитет, а тоа ќе послужи како прв чекор во прифаќањето на Божјиот авторитет.

Многу зла произлегуваат од тоа што дури и таканаречените верски водачи кон Божјиот закон се однесуваат сосема лекомислено. Распространетото учење дека божествените прописи не се

веќе задолжителни за луѓето, влијае врз моралот на народот исто толку колку и идолопоклонството. Оние што се трудат да ги намалат барањата на светиот Божји закон, директно ги поткопуваат темелите на управувањето и со семејството и со нацијата. Родителите што исповедаат христијанство, а не ги држат Господовите уредби, не им заповедаат ниту на своите деца да се придржуваат кон неговите патишта. Божјиот закон не е правило на нивниот живот. Кога децата на таквите родители ќе дораснат да формираат свое огниште, тие не чувствуваат никаква обврска своите помлади да ги учат на она на што ни самите не биле поучувани. Тоа е причината што има толку многу семејства во кои ништо не се знае за Бога; затоа изопаченоста и порокот толку многу се засилуваат.

Сè додека родителите и сами не го следат со сето срце Господовиот закон, не ќе можат како Аврам да им заповедат на своите синови, „откако ќе заминат“, да се придржуваат кон неговите патишта. Во тој поглед потребно е да настане една длабока и корена реформа. Родителите мора да се реформираат, и проповедниците исто така мора да се реформираат, зашто во нивните семејства се чувствува дека го немаат Бога. Ако сакаат навистина да настане ваква промена, тие мора во своите семејства да ја внесат Божјата реч и Бога да го земат за свој советник. Децата треба да се учат дека упатствата на Божјата реч се Божји глас упатен до нив, и дека на тоа мора безусловно да му се покорат. Освен тоа, децата треба стрпливо да се советуваат и неуморно да се поучуваат како треба да живеат за да му угодат на Бога. Децата на таквите родители ќе можат да им одолеат и на најпрепредените лукавства на неверниците. Нека ја прифатат Библијата како основа на својата вера и ќе имаат темел кој плимата на скептицизмот што наидува не ќе може да го поткопа.

Има многу домови во кои молитвата е потисната. Родителите велат дека немаат време за утринско и вечерно богослужение. Не можат да посветат неколку мига во благодарење на Бога за толку големото изобилство на неговата милост - за благотворните сончеви зраци и за освежувачките порои дожд што придонесуваат во природата сè да буи и да расте, и за заштитата на светите ангели. Немаат време да се помолат за божествена помош и водство и за постојано Христово присуство во семејството. На работа поаѓаат како волови или коњи без ниедна мисла за Бога и за небото. Нивните души во Божјите очи имаат таква вредност, што Божјиот Син го дал својот живот за да ги спаси од пропаста и од целосната безнадежност; меѓутоа, тие таа негова голема добрина знаат да ја ценат одвај малку повеќе од обичните животни.

144 Оние што тврдат дека го љубат Бога треба, слично на патријарсите во старо време, секаде каде што ќе подигнат свој шатор, покрај него да му подигнат и олтар на Господа. Ако некогаш било време секој дом да биде дом на молитва, тогаш сигурно тоа е денеска. Татковците и мајките често треба да ги издигнуваат своите срца кон Бога во понизна молитва за себе и за своите деца. Таткото, како свештеник на семејството, треба наутро и навечер да му принесува жртва на Господа на семејниот олтар, додека мајката и децата треба да му се придружат во молитвата и во благодарењето на Бога. Во едно такво семејство Исус радо ќе се задржува.

Секој христијански дом треба да зрачи светлина. Љубовта треба да се открива во постапките. Таа треба да се одразува во секој меѓусебен однос на домашните - во вниманието, во љубезноста и во несебичната учтивост. Има семејства каде што ова начело се применува, семејства во кои се почитува Бог и каде што владее вистинска љубов. Од таквите домови секој ден се издигнуваат кон Бога утринска и вечерна молитва како пријатен мирис на темјан, а неговата милост и неговите благослови се спуштаат врз молителите како утринска и вечерна роса.

Едно добро средено христијанско домаќинство е силен доказ во прилог на вистинската христијанска вера - доказ што неверниците не можат да го оспорат. Сите можат да видат дека делотворното влијание на таквото семејство позитивно се одразува врз децата и дека со нив е Бог Аврамов. Кога домовите на оние што тврдат дека се христијани би имале вистински верски карактер, тие би вршеле силно влијание на добро. Тие навистина би биле „светлина на светот“ (Матеј 5,14). За секој верен родител небесниот Бог го кажува она што некогаш го рекол за Аврама: „Оти него го избрав за да им заповеди на своите синови, и на својот дом по себе, да одат по патот Господен и да извршуваат правда и суд за да може Господ да го исполни она што му го ветил на Аврама.“

13

# ПРОВЕРКА НА ВЕРАТА

*Оваа глава е заснована на 1. Мојс. 16; 17,18-20; 21,1-14; 22,1-19*

Ветувањето дека ќе добие син, Аврам требало да го прифати без никакво прашање или сомневање, но тој не чекал Бог да го исполни ветувањето во свое време и на начин што Тој го определил. За да се испита неговата вера во Божјата моќ, исполнувањето на ова ветување било одложено за извесно време; но тој не ја издржал проверката. Сметајќи дека не е можно во својата длабока старост да добие дете, и за да се исполнат Божјите намери, Сара му предложила на Аврама како втора жена да земе една од нејзините слугинки. Многуженството во тоа време било вообичаено и толку распространето, што не се сметало веќе за грев; но тоа сепак не било ниту малку помалечок престап на Божјиот закон и било кобно за светоста и за спокојството на семејниот живот. Аврамовиот брак со Агара имал лоши последици не само за неговото семејство, туку и за идните генерации.

Поласкана со честа на својата нова положба како Аврамова жена и надевајќи се дека ќе биде мајка на голема нација, што треба да произлезе од Аврама, Агара се возгордеала и станала растурлива и презриво се однесувала кон својата стопанка. Взаемната љубомора на овие две жени ги нарушила мирот и спокојството на некогаш толку среќното семејство. Присилен да слуша поплаки и од едната и од другата, Аврам попусто се трудел повторно да воспостави хармонија и слога. Иако Агара ја зел за жена само на упорно инсистирање на Сара, таа сега го прекорувала како тоа да била негова кривица. Сакала својата соперничка да ја отера, но Аврам тоа не го дозволил, зашто Агара требало да биде мајка на неговото дете, детето што толку копнежливо го очекувал и што требало да биде ветениот син. Па сепак, бидејќи Агара била слугинка на Сара, тој препуштил таа и понатаму да остане под нејзина контрола. Меѓутоа, горделивиот дух на Агара не ја поднесувал острината на грубото однесување на Сара кое самата го

предизвикала со својата дрскост. „И Сара почна да ја малтретира, па таа побегна од неа."

Се упатила в пустина, и додека осамена и без пријатели се одморала крај еден извор, ѝ се јавил Господен ангел како човек и, за да ја потсети на нејзината положба и должност, ѝ се обратил со
146 зборовите: „Агаро, слугинко на Сара." А потоа ѝ наредил: „Врати се кај својата стопанка и покори ѝ се." Но, кон укорот биле додадени и зборови на утеха: „Твоето семе ќе го намножам така што не ќе може да се преброи од мноштво." А за вечен спомен на неговата милост, ѝ било наредено своето дете да го нарече Исмаел, „Бог слуша".

Кога Аврам имал речиси сто години, Бог уште еднаш му го повторил ветувањето дека ќе добие син, и му било загарантирано дека идниот наследник ќе биде дете на Сара. Но Аврам сѐ уште не го сфатил ветувањето. Веднаш помислил на Исмаел, верувајќи дека преку него ќе се исполни благословената божествена намера. Обземен со љубов кон својот син, извикнал: „Жив нека биде Исмаел пред тебе." Тогаш ветувањето му било повторено со зборови што не можат погрешно да се разберат: „Навистина, твојата жена, Сара, ќе ти роди син и ќе го наречеш со името Исак; и ќе сторам мојот завет со него да биде завет вечен и да му бидам Бог на неговото потомство по него." Сепак, Бог не бил рамнодушен ниту кон Аврамовата татковска желба за Исмаел. „А и за Исмаела те послушав; еве, го благословувам, и ќе го направам плоден, и многу ќе го умножам... И од него ќе произлезе голем народ."

Раѓањето на Исака како исполнување на најскапоцените надежи, остварување што го чекале речиси цел живот, шаторите на Аврама и Сара ги исполнило со голема радост. Меѓутоа, за Агара тој настан значел пропаст на нејзините омилени славољубиви очекувања. Исмаел, кој веќе бил момче, сите во логорот го сметале за наследник не само на Аврамовото богатство, туку и на сите благослови ветени на неговото потомство. А сега, наеднаш, бил потиснат на страна, па и мајката и синот, разочарани, го замразиле детето на Сара. Општиот порој на радост уште повеќе ја засилил нивната љубомора и Исмаел се осмелил да го исмева наследникот на Божјите ветувања. Во склоноста на Исмаел да создава немир, Сара видела извор на постојани судири и неслоги, па му се обратила на Аврама со молба и со барање Агара и нејзиниот син да ги истера од логорот. За патријархот тоа било болно и мошне мачно. Како да го истера својот син, Исмаел, кој сѐ уште му бил толку мил? Збунет и во недоумица, се молел за божествено упатство. Преку ангел Господ го посоветувал да ја исполни желбата на Сара, и љубовта кон Исмаел и Агара не смее да го спречи во тоа, зашто

само така можела да се воспостави слога и среќа во неговото семејство. Ангелот му дал утешно ветување дека Исмаел, иако мора да биде одвоен од татковиот дом, нема да биде заборавен и напуштен од Бога; тој ќе живее и ќе стане татко на голем народ. Аврам ги послушал зборовите на ангелот, но со длабока болка. Неговото татковско срце го притискала неискажлива тага кога од домот ја 147
извел Агара и својот син Исмаел.

Упатството дадено на Аврама во врска со неприкосновеноста на брачниот завет претставува поука за сите времиња. Со тоа му било објаснето дека правото и среќата на таа заедница мора да се пазат дури и по цена на големи жртви. Сара била Аврамова единствена вистинска сопруга. Ниту едно друго лице не можело да бара со неа да го дели правото на жена и мајка. Таа го почитувала својот маж и како таква во Новиот завет се споменува како достоен пример. Таа не се согласувала со тоа Аврамовата љубов да биде посветена и на друга жена, и Господ не ја прекорил поради тоа што барала соперничката да се истера. Бракот со Агара настанал само поради тоа што ниту Аврам ниту Сара немале доволно доверба во Божјата моќ.

Бог Аврама го повикал да биде татко на верните и неговиот живот требало да служи како пример на верата за идните поколенија. Меѓутоа, неговата вера не била совршена. Дека немал доволно доверба во Бога се покажало тогаш кога го прикрил фактот оти Сара му е жена и повторно кога стапил во брак со Агара. За да го усоврши до највисок степен, Бог го изложил уште еднаш на искушение, на најтешка проверка која човекот кога и да е бил повикан да ја издржи. Една ноќ на сон добил налог да оди во земјата Морија и таму на горта што ќе му биде покажана да го принесе на жртва својот син, својот мил Исак.

Во времето кога ја примил оваа заповед, Аврам имал сто и дваесет години. Него го сметале за старец дури и луѓето на неговата генерација, кога човечкиот век бил значително подолг отколку денеска. Во своите помлади години тој имал доволно сили да ги издржи тешкотиите и неволјите и храбро и смело да презре секоја опасност; но сега огнот на неговата младост веќе бил згаснат. Човекот во силата на својата мажевност може храбро да се соочи со тешкотиите и маките пред кои во поодминатите години на животот, кога нозете веќе му потклекнуваат и одат кон гробот, срцето би затреперило. Но последното и најтешко искушение Бог го пуштил врз Аврама во периодот кога тој веќе бил притиснат со товарот на годините и кога копнеел да се одмори од грижите и страдањата што ги носи животот со себе.

Опкружен со благосостојба и со почести, патријархот во тоа време живеел во Вирсавеја. Бил мошне богат, па владетелите на

земјата во која живеел го почитувале како моќен кнез. Илјадници овци и говеда ги покривале рамнините што се простирале околу неговиот логор. На сите страни биле поставени шаторите на луѓето кои најпредано го поддржувале, домовите на стотиците негови верни слуги. Синот на ветувањето, кој веќе влегувал во период на
148 зрелост, бил крај него. Се чинело како небото со своите благослови да го крунисува пожртвуваниот живот на овој човек кој толку стрпливо очекувал да се исполнат долго одложуваните надежи.

Воден од верата, Аврам ја раскинал врската со своето родно место - ги напуштил гробовите на своите татковци и татковината на својот род. Низ земјата на своето наследство талкал како странец. По Божја заповед го протерал својот син Исмаел. И сега, кога долго очекуваниот син навлегувал во години на мажевност, и кога на патријархот му се чинело дека го досегнал исполнувањето на своите надежи, му претстоело искушение поголемо од сите дотогашни.

Заповедта била изговорена со зборови кои на татковото срце му нанеле најболна рана: „Сега земи го својот син, својот мил единец, Исак... И спали го на жртва.“ Исак бил светлина на неговиот дом, утеха и крепост на неговата старост, пред сè наследник на ветениот благослов. Кога овој син, со некој несреќен случај или поради болест би го снашла смрт, нежното татковско срце би било скршено, а неговата седа глава би била оборена со таа длабока болка; меѓутоа, нему му било заповедано со сопствена рака да ја пролее крвта на својот син. Тоа му се чинело како ужасна неможност.

Сатаната бил готов да му дошепне дека веројатно е измамен, зашто Божјиот закон кажува: „Не убивај“, а Бог не би го барал она што еднаш го забранил. Напуштајќи го својот шатор, Аврам го подигнал погледот кон мирното и ведро небо и помислил на ветувањето што му било дадено пред речиси педесет години: дека неговото семе ќе биде многубројно како ѕвездите на небото. Ако тоа ветување треба да се исполни преку Исака, како може тој да биде предаден на смрт? Аврам бил во искушение да поверува дека можеби е измамен. Мачен од сомневање и во душевна болка се наведнал до земјата и се молел така како никогаш до тогаш - ако навистина мора да ја изврши оваа ужасна задача - да му се даде некаква потврда за дадената заповед. Си споменал за ангелите пратени да му ја откријат Божјата намера за уништувањето на Содом, за весниците кои му го донеле ветувањето дека ќе го добие овој син, и отишол на местото каде што повеќепати се сретнувал со небесните весници, надевајќи се дека повторно ќе ги сретне и ќе добие подетално упатство, но никој не дошол да му олесни. Се чинело како сосем да е фрлен во темнина; а Божјата заповед, „Земи го Исака“, постојано се одгласувала во неговите уши. Заповедта

морала да се изврши, а тој не се осмелил да ја одложува. Се приближувал денот и тој морал да тргне на пат.

Враќајќи се во својот шатор, се упатил кон местото каде што Исак спиел со длабок и спокоен сон на младешка невиност. За миг татковиот поглед се запрел врз милото лице на синот, а потоа, 151
тресејќи се, се свртел на другата страна; се упатил кон Сара која исто така спиела. Дали да ја разбуди уште еднаш да го прегрне своето дете? Дали да ѝ го соопшти Божјето барање? Чувствувал потреба со неа да го подели товарот што му ја притискал душата и заедно да ја понесат таа страшна одговорност. Но, плашејќи се дека таа би можела да го спречи при извршувањето на божествената заповед, сепак се воздржал. Исак бил нејзина радост и нејзина гордост; нејзиниот живот бил цврсто врзан за него и мајчинската љубов би можела да ја одбие таа толку голема жртва.

Најпосле Аврам го разбудил сина си и му соопштил дека на една оддалечена гора треба да принесат жртва. Исак често одел со татка си да се помолат на Бога и да принесат жртва на некои од олтарите што го обележувале неговиот порано поминат пат, и затоа овој повик не го возбудил ниту го изненадил. Набргу биле извршени сите подготовки за пат. Дрвата биле приготвени и натоварени на магаре и со двајца слуги тие тргнале на пат.

Таткото и синот молчејќи оделе еден крај друг. Патријархот, притиснат со тешката тајна која уште не ја поделил со никого, не бил расположен да разговара. Мислел како ќе се чувствува гордата и нежна мајка оној ден кога ќе ѝ се врати без синот. Добро знаел дека срцето ќе ѝ биде прободено како со нож ако синот ѝ биде земен.

Полека изминувал денот кој на Аврама му изгледал подолг од сите денови што ги преживеал во својот живот. Додека синот спиел со момоците, тој сета ноќ ја поминал на молитва, надевајќи се дека сè уште ќе се појави небесен весник со порака оти е крај со искушението и дека момчето може неповредено да се врати дома. Но немало никакво олеснение за неговата измачена душа. Така поминал уште еден долг ден и уште една ноќ во понизност и молитва, додека во ушите постојано се одгласувала заповедта според која требало да остане без дете. Сатаната бил близу да му дошепне сомневање и неверие, но Аврам му се противставил. Третиот ден, кога го продолжиле патот, патријархот, насочувајќи го погледот кон север, го забележал ветениот знак - славен облак се виел над гората Морија и тој занел дека му зборува глас од небото.

Дури ни во тој час не се жалел против Бога, туку ја засилувал својата душа задржувајќи се на доказите за неговата добрина и верност. Тој син му е подарен тогаш кога за тоа не можел веќе да

се надева и, зар Оној што му го дал тој драгоцен дар немал право
повторно да го земе она што било негово! Тогаш верата го повто-
рила ветувањето: „Од Исака ќе имаш потомство“ (Евреите 11,18)
- потомство безбројно како морскиот песок. Исак бил чудо-дете
и, зар Оној што му го дал животот не е во состојба повторно да
152 му го врати? Гледајќи преку границите на видливото, Аврам ги
сфатил божествените зборови: „Помислувајќи дека Бог може и
мртви да воскреснува“ (Евреите 11,19).

Сепак, никој, освен Бог, не можел да сфати колкава е жртвата за таткото својот син да го препушти на смрт. Аврам сакал сцената на разделбата да не ја види никој освен Бог. На слугите им наредил да останат тука, во долината: „Јас и детето одиме онаму, па кога ќе се помолиме на Бога, ќе се вратиме кај вас.“ Дрвата биле натоварени на Исака, на оној што требало да биде жртва; таткото понел нож и оган; и додека заедно се искачувале кон врвот на горага, момчето во себе долго се чудело од каде ќе дојде жртвата толку далеку од стадата и трлата. Најпосле Исак проговорил: „Татко, ... ете оган и дрва, а каде е јагнето за жртва?“ О какво искушение! Колку длабоко засекол во Аврамовото срце милиот збор „татко“! Сепак, тој сè уште не можел да му ја соопшти страшната вистина. „Синко“, рекол тој, „Бог ќе се погрижи за јагне себеси за жртва.“

На определеното место подигнале жртвеник и ги ставиле дрвата на него. Тогаш Аврам со треперлив глас му ја соопштил на сина си божествената порака. Вчудовиден и изненаден, Исак ја дознал својата судбина, но без отпор се согласил да биде жртвуван. Кога би сакал, би можел да побегне, зашто старецот, измачен од болката и исцрпен од борбата во текот на последните три страшни дни, не би можел да му се противстави на силното момче. Но Исак уште од своето детство бил воспитан доброволно и со доверба да послуша и, откако била изложена Божјата намера, доброволно се покорил. Тој верувал исто како и Аврам и го сметал за чест тоа што токму тој бил повикан својот живот да го положи на жртва на Бога. Нежно се обидувал да ја ублажи болката на татка си и ги крепел неговите изнемоштени раце да го врзат јажето со кое самиот требало да биде приврзан на жртвеникот.

А потоа се искажани последните зборови на љубов, пролеани се последните солзи и за последен пат таткото и синот се прегрнале. Таткото го потегнал ножот да го заколе сина си единец, но наеднаш раката му била задржана. Божји ангел му викнал на патријархот од небото: „Авраме, Авраме!“ Тој бргу одговорил: „Еве ме“. И повторно се слушнал глас: „Не кревај своја рака на детето и не прави му ништо! Еве, сега знам оти се плашиш од Бога штом не го пожали ни својот сакан син заради мене.“

Свртувајќи се, Аврам видел овен кој недалеку се „заплеткал со роговите во грмушка", и без одлагање таа нова жртва ја принел на олтарот „наместо својот син". Во својата голема радост и благодарност, Аврам тоа свето место го нарекол со ново име - „Јехова-јирх" - што значи „Господ ќе се погрижи". 153

На гората Морија Бог уште еднаш го повторил својот завет потврдувајќи го со свечена заклетва благословот на Аврама и на неговото потомство за сите идни поколенија. „Се колнам со себе, вели Господ, кога така направи, и не го пожали својот сакан син заради мене. Навистина, јас ќе те благословам и преблагословам, и потомството твое ќе го умножам и преумножам како ѕвездите на небото и како песокта на морскиот брег! А твоите потомци ќе ги завладеат градовите на своите непријатели, и преку твоето потомство ќе бидат благословени сите народи на земјата, зашто го послуша мојот глас."

Големиот подвиг на Аврамовата вера стои како столб на светлина и ја осветлува патеката на Божјите слуги во сите идни поколенија. Тој не се обидувал да се изговара кога требало да ја изврши Божјата волја. Да бил наклонет кон сомневање, во текот на тие три дена на патувањето имал доволно време да размисли и да се посомнева во Бога. Можел да помисли дека него, ако го заколе сина си, ќе го сметаат за убиец, за втор Каин; дека неговите поуки и совети ќе бидат отфрлени и презрени и дека на тој начин ќе биде лишен од влијанието и од можноста да им прави добро на своите ближни. Можел да ја одбие послушноста, повикувајќи се на својата длабока старост. Но патријархот не се засолнил ниту зад еден од тие изговори. Аврам бил само човек, имал лични чувства и склоности како и секој од нас, но не се запрел на прашањето како ќе се исполни ветувањето ако Исак биде жртвуван. Не се задржал на заклучоците на своето рането срце. Знаел дека Бог е верен и праведен во своите барања и ја послушал заповедта до последна буква.

„Аврам му поверува на Бога и тоа му се прими во правда, и се нарече Божји пријател" (Јаков 2,23). А апостол Павле кажува: „Аврамови синови се оние што веруваат" (Галатите 3,7). Но Аврам својата вера ја посведочил со дела. „Нели со дела се оправда Аврам, нашиот татко, откако врз жртвеникот го положи својот син Исак? Гледаш ли дека верата им помогна на неговите дела, и дека преку делата верата стана совршена" (Јаков 2,21.22). Мнозина не ја сфаќаат тесната поврзаност што постои меѓу верата и делата. Тие велат: „Само верувај во Христа и сигурен си. Држењето на законот
нема никакво значење ниту важност." Меѓутоа, вистинската вера се 154
открива во послушноста. На Евреите кои не верувале Христос им рекол: „Кога би биле деца Аврамови, би правеле дела Аврамови"

(Јован 8,39). За таткото на сите верни, Господ кажува: „Аврам го слушаше мојот глас и им се покоруваше на моите заповеди, на моите закони и на моите наредби“ (1. Мојсеева 26,5). Апостол Јаков кажува: „Верата, ако нема дела, сама по себе е мртва“ (Јаков 2,17). А Јован, кој толку се задржувал на љубовта, додава: „Бидејќи љубовта кон Бога се состои во тоа: да ги пазиме неговите заповеди, а неговите заповеди не се тешки“ (1. Јованово 5,3).

Со помош на симболи и со ветувања Бог на Аврама „однапред му го објави“ евангелието (Галатите 3,8). И верата на патријархот била сосредоточена на Искупителот кој требало да дојде. Христос им рекол на Евреите: „Вашиот татко, Аврам, имаше силна желба да го види мојот ден. Го виде и се израдува“ (Јован 8,56). Овенот, принесен на олтарот наместо Исака, го претставувал Божјиот Син кој требало да биде жртвуван наместо нас. Кога човекот бил осуден на смрт поради престапот на Божјиот закон, Отецот - погледнувајќи го својот Син - му рекол на грешникот: „Живеј, најдов откуп!“

Кога од Аврама барал да го жртвува својот син, Бог имал намера живо да му ја предочи стварноста на евангелската вистина и да ја испита неговата вера. Душевната болка и страдањата што требало да ги претрпи во текот на тие страшни денови на неговата проверка биле дозволени со цел од лично искуство, барем донекаде, да ја сфати големината на жртвата што ја принесува Семожниот и вечниот Бог за откуп на човекот. Ниту едно друго искушение за Аврамовата душа не би било толку болно како жртвувањето на саканиот син. А Бог својот Син го дал да биде изложен на срамно понижување, на измачување и смрт. На ангелите што требало да бидат сведоци за понижувањата и за душевните страдања на Божјиот Син не им било дозволено да интервенираат како во случајот на Исака. Тогаш немало глас кој би извикнал: „Доста е!“ За да го спаси загубениот човечки род, Царот на славата морал да го положи својот живот. Има ли посилен доказ што би можела да ја даде бесконечната Божја љубов и сомилост? „Оној, кој не го поштеди ни својот сопствен Син, туку го предаде за нас сите, како да не ни подари со него сè?“ (Римјаните 8,32).

Жртвата што е барана од Аврама требало да послужи не само за негово лично добро, ниту пак исклучиво за благослов и корист на идните поколенија - туку претставува поука за безгрешните жители на небото и на другите светови. Оваа земја, како сцена на големата борба меѓу Христа и сатаната - сцена на која се спроведува и се остварува планот на спасението - претставува учебник
155 за целата вселена. Бидејќи Аврам со некои свои поранешни постапки покажал дека нема доволно доверба во Божјите ветувања, сатаната го обвинувал пред ангелите и пред Бога, докажувајќи

дека тој не ги исполнил условите на заветот и дека поради тоа не е достоен ниту за благословите што ги предвидувал прекршениот завет. Бог сакал преданоста на својот слуга да ја докаже пред сите небесни жители, да покаже дека Тој не може да прифати ништо освен совршена послушност, и уште поцелосно да им го открие планот на спасението.

Небесните суштества ја посматрале сцената што претставувала испит за верата на Аврама и за послушноста на Исака. Проверката била многу потешка од онаа на која бил изложен Адам. Покорувањето на заповедта што им била дадена на нашите прародители не барало никакви страдања. Но заповедта дадена на Аврама барала најболна жртва. Цело небо со чудење и со восхит ја посматрало Авраамовата непоколеблива послушност и ѝ оддало признание на неговата вера. Се покажало дека обвинувањата на сатаната биле лажни. Бог изјавил за својот слуга: „Сега видов дека се боиш од Бога кога не го пожали својот син, својот единец, заради мене.“ Заветот, потврден со заклетва пред небесните суштества и пред претставниците на другите светови, покажувал дека послушноста ќе биде наградена.

Дури и за ангелите било тешко да ја сфатат тајната на спасението - да разберат дека небесниот Заповедник, Божјиот Син, мора да умре за грешните луѓе. Заповедта упатена на Аврама да го жртвува својот син предизвикала внимание кај небесните суштества. Со најголема сериозност тие следеле секој чекор во извршувањето на оваа заповед. Кога Исак го прашал Аврама, „Каде е јагнето за жртва“, кога Аврам одговорил, „Бог ќе се погрижи себеси за јагне за жртва“, кога раката на таткото била задржана во мигот кога веќе замавнал да го заколе сина си, и кога наместо Исака е жртвуван овенот за кој навистина се погрижил Бог - тогаш над тајната на откупувањето блеснала светлина и тогаш ангелите појасно ја сфатиле чудесната Божја грижа за спасението на човекот (1. Петрово 1,12).

14

# УНИШТУВАЊЕТО НА СОДОМ

*Оваа глава е заснована на 1. Мојсеева 19 глава*

Содом бил најубав град во Јорданската долина. Лежел во рамнина која според убавината и плодноста била слична на „Господовата градина". Тука во изобилство буел тропски растителен свет. Тој бил расадник на палми, маслинки и лозја, а прекрасните цвеќиња својот пријатен мирис го точеле во текот на цела година. Полињата биле прекриени со богата летнина, а околните ритчиња со стада овци и говеда. Уметноста и трговијата имале свој удел во богатењето на горделивиот град. Ориенталните ризници ги украсувале и ги кителе палатите на Содом, а пустинските карвани со своите драгоцености ги снабдувале неговите пазари и продавници. Со малку мудрост и труд можеле да се задоволат сите животни потреби, а цела година личела на низа празници и празнувања.

Општото изобилство водело кон раскош и горделивост. Неактивноста и богатството сториле срцата, што никогаш не биле мачени со скудност или со тага, да станат уште потврди. Изобилството и безделничењето создавале желба за уживање и луѓето се оддавале на задоволување на сетилните страсти. „Еве ја", кажува пророкот, „опакоста на твојата сестра Содом: гиздаво, во изобиле леб и безгиржно живееше таа и нејзините ќерки, а сиромасите и бедните не ги помагаше. Се возгордеаја и гнасотии правеа пред моите очи, и затоа ги затрев, како што виде" (Езекил 16,49.50). Луѓето за ништо не се стремат повеќе отколку за богатство и безделничење, и токму тоа ги поттикнало гревовите поради кои биле уништени градовите во оваа долина. Нивниот некорисен и безделнички живот ги сторил жртви на сатанските искушенија и тие Божјиот лик во себе го изопачиле до таа мера што повеќе личеле на сатаната отколку на Бога. Безделничењето е најголемо проклетство што може да го снајде човекот, зашто него веднаш го следи порок и злосторство. На тој начин слабее умот, се изопачува сфаќањето и се понижува душата. Во задницата на сето

тоа стои сатаната за да ги уништи сите кои не се претпазливи и чиешто безделничење му дава можност да им се приближи под 157
некоја привлечна маска. Тој кај луѓето никогаш не постигнува поголем успех отколку тогаш кога ќе им се приближи во часовите на нивното безделничење.

Во Содом постојано ѕунеле бучни веселби, забави, гозби, пирувања и пијанчења. Луѓето без никакво ограничување се предавале на најниски и најгнасни страсти. Отворено му пркоселе на Бога, се противеле на неговиот закон и наоѓале уживање во насилстовото. Иако пред себе го имале примерот на претпотопниот свет и добро знаеле како се покажал Божјиот гнев при нивното уништување, сепак живееле со ист безбожнички живот.

Во времето кога Лот се преселил во Содом, изопаченоста уште не зела толкав замав, и Бог во својата милост дозволил зраците на светлината да заблескаат во моралната темнина. Кога Аврам ги ослободил еламските заробеници, вниманието на народот било свртено кон вистинската вера. На жителите на Содом Аврам не им бил непознат, а неговото почитување на невидливиот Бог за нив било предмет на потсмев. Меѓутоа, неговата победа над многу посилните воени сили и неговото великодушно постапување со заробениците и со пленот, кај нив предизвикале чудење и восхит. И додека се пронесувала вест за неговата надареност и храброст, никој не можел да се ослободи од помислата дека победник го сторила само некаква божествена сила. А неговиот благороден и несебичен дух, кој за себичните жители на Содом бил толку туѓ, бил уште еден доказ за надмоќноста на неговата вера.

Благословувајќи го Аврама, Мелхиседек признал дека Јехова е извор на неговата сила и победа. „Благословен да е Аврам од Севишниот Бог, Создател на небото и земјата, кој ти ги предаде твоите непријатели во раце“ (1. Мојсеева 14,19.20). На овој народ сам Бог му проговорил преку своето провидение, но и последните зраци на светлината биле отфрлени исто како и сите претходни.

А сега на Содом му се приближувала последната ноќ. Облаците на одмазда веќе ги простирале своите сенки над градот осуден на пропаст. Но луѓето тоа и не го забележувале. Додека ангелите, кои имале задача да уништат сè, се приближувале кон градот и влегле во него, луѓето сонувале за напредок, за богатење и уживање. Настапил нивниот последен ден, но и поминал како и секој друг. Настапувала вечер, давајќи слика на занесна милина и сигурност. Сонцето на залез со своите зраци осветлувало сцена на неспоредлива убавина. Вечерната свежина ги измамила жителите на градот и тие, секогаш желни за уживање, се шетале во групи, насладувајќи се со убавината на вечерните мигови.

158 Во квечерината кон капијата на градот се приближиле двајца странци. Изгледале како патници кои очигледно не брзаат да заминат поради тоа што настапува ноќ. Никој во тие скромни патници не можел да ги препознае силните весници на божествениот суд, а веселата толпа и не сонувала дека со својата постапка кон тие божествени весници уште оваа ноќ ќе ја преполнат чашата на беззаконието и со тоа ќе се осудат на уништување и себеси и својот горд град. Меѓутоа, во градот се нашол човек кој сосема спонтано им укажал внимание на овие странци и ги повикал во својот дом. Лот не го знаел нивниот вистински карактер, но учтивоста и гостољубивоста биле негови навики; тоа бил составен дел на неговата вера - поуки на кои го учел Аврам со личен пример. Кога не би покажал дух на учтивост и љубезност, можеби би бил оставен во Содом да пропадне заедно со другите. Затворајќи ја својата врата пред странците, многу домаќинства на тој начин го одбиле и Божјиот весник кој, да бил примен, би им донел благослов, надеж и мир.

Секоја постапка во животот, колку и да изгледа безначајна, има свое влијание на добро или зло. Верноста или немарноста во она што се чини како безначајна должност, може да ја отвори вратата за најголеми благослови или за најголеми животни тешкотии. Во малечките постапки се проверува карактерот. Едноставните постапки во секојдневниот живот, извршени со дух на самооткажување и со радост, Бог ги посматра со задоволство. Ние не треба да живееме само за себе, туку и за другите. Само ако заборавиме на себе и ако сме секогаш љубезни и подготвени да им помогнеме на другите, можеме нашиот живот да го сториме благословен. Незначителните вниманија и вообичаената љубезност можат многу да придонесат за животната среќа, а занемарувањето на овие особини придонесуваат, не помалку, луѓето да станат ујадени и потиштени.

Имајќи го предвид малтретирањето што ги очекувало странците во Содом, Лот си поставил задача веднаш, по влегувањето во градот, да ги земе во заштита, нудејќи им гостопримство во својот дом. Тој седел пред градските порти кога патниците се приближиле и, штом ги забележал, станал од своето место, им пошол во пресрет и љубезно се поклонил пред нив, велејќи: „Дојдете, господа, во куќата на својот слуга и преноќете.“ Се чинело тие како да го одбиваат неговото гостопримство, велејќи: „Не, ќе преноќеваме на улица.“ Меѓутоа, овој одговор ја навестувал нивната двојна намера - да ја испитаат искреноста на Лот и да создадат впечаток како да не им е познат карактерот на луѓето во Содом, па сметале дека не е опасно да се остане преку ноќ на улица. Нивниот одговор кај Лот создал уште поголема решителност да не ги препушти на милоста

на џганот. Не престанал да ги навалува со своите понуди сè додека 159
тие не попуштиле и не се согласиле да влезат во неговиот дом.

Се понадевал дека својата намера ќе ја скрие од безделничарите собрани пред градската капија на тој начин што странците по заобиколен пат ќе ги одведе до својата куќа; но, додека тие се притеснувале, одолжувале и упорно ја одбивале понудата, биле забележани и, пред да легнат, толпа беззаконици ја опколиле куќата. Тоа било огромно мноштво млади и стари кои еднакво ги распалила најгнасна страст. Странците упорно се распрашувале за особеностите на овој град, а Лот ги предупредил во никој случај да не излегуваат од дома ноќе. При тоа се слушнале извици и заједливо предизвикување од џганот кој барал странците да се изведат надвор.

Знаејќи дека тие беззаконици, доколку бидат поттикнати кон насилство, лесно можат да провалат во куќата, Лот излегол надвор обидувајќи се да влијае врз нив и да ги убедува: „Браќа, немојте да правите такво зло,“ ги замолил. При тоа го употребил зборот „браќа“ како нивни сосед, надевајќи се дека ќе ги смири и дека тие ќе се усрамат од своите лоши намери. Но неговите зборови дејствувале како долевање на бензин врз оган. За миг нивниот бес се претворил во оркан. Го исмевале Лота тврдејќи дека тој се обидува да господари над нив и му се заканиле дека со него ќе постапат уште полошо отколку што имале намера да постапат со неговите гости. Го нападнале него и, да не се вмешале Божјите ангели да го ослободат, би го парчосале. Небесните весници „дигнаа раце и го вовлекоа Лота кај себе, во куќата, и ја затворија вратата“. Она што уследило потоа го открило карактерот на гостите што тој ги примил во својот дом: „А луѓето што беа пред вратата на куќата наеднаш ослепија, од најмалечкиот до најголемиот, та не можеа да ја најдат вратата.“ Да не ослепиле со двете очи, и Божјата казна да не сторила да се исплашат, тие не би отстапиле од своите лоши намери. Таа, за нив последна ноќ била исто така полна со гревови како и многу претходни; но милоста, која толку долго ја омаловажувале, се ближела кон крај. Жителите на Содом ја преминале границата на божествената доброта - скриената граница меѓу Божјето трпение и неговиот гнев. Огнот на неговата одмазда само што не блеснал над Сидимската долина.

Тогаш ангелите му ја откриле на Лот целта на својата мисија: „Планираме да го затреме ова место, бидејќи викот против нив
е голем пред Господа, па нè прати Господ нас да го уништиме.“ 160
Странците, на кои Лот им укажал своја заштита, сега му ветиле дека тие ќе го заштитат него и дека ќе ги избават и сите членови на неговото семејство што ќе се согласат заедно со него да побегнат

од тој безбожнички град. Изнемоштениот џган полека се растурил, па Лот можел да излезе и да ги предупреди своите деца. Им ги повторил зборовите на ангелите: „Станете и бегајте од ова место, зашто сега Господ ќе го уништи овој град.“ Но ним им се сторило тој како да се шегува. Го исмевале и него и неговите суеверни стравувања. Неговите мажени ќерки биле целосно под влијание на своите мажи. Ним тука им било сосем добро. Не забележувале никаков знак на опасност. Сè околу нив било исто онака како што било и до тогаш. Биле мошне богати и не можеле да веруваат дека прекрасниот Содом би можел да биде уништен.

Исполнет со болка, Лот се вратил дома и го изложил својот неуспех. Тогаш ангелите му наредиле да ја земе жена си и двете ќерки што сè уште биле дома и веднаш да го напуштат градот. Но Лот се колебал. Иако го мачело тоа што секој ден морал да гледа насилство, сепак, немал вистинска претстава за нискоста и за гнасноста на беззаконието што владеело во тој изопачен град. Тој уште не ја увидел ужасната неминовност дека Бог со својата казна ќе му застане на пат на гревот. Некои од неговите деца биле врзани за Содом, а жена му не била подготвена да се оддели од нив. Помислата дека мора да го остави она што му е најмило на светот му се чинела потешка отколку што верувал дека може да ја поднесе. Тешко било да ја напушти раскошно снабдената куќа и сето богатство што го стекнал со труд во текот на целиот свој живот и да замине како беден бездомник. Опфатен со грижа, тој „почна да се колеба“, немајќи волја да појде. Да не биле Божјите ангели, сите тие би загинале заедно со Содом. Тогаш небесните весници ги зеле за раце него, неговата жена и нивните две ќерки и ги извеле од градот.

Тука ангелите ги оставиле и се вратиле во Содом за да ја извршат својата задача - да го уништат. Оној, на кого Аврам му ги упатувал своите молби, одвај го истргнал Лота. Во сите градови во долината не можело да се најдат ниту десет праведници, но, благодарение на заземањето и на молитвите на патријархот, оној единствен човек кој тука се боел од Бога, сепак бил оттргнат од уништувањето. Налогот што му е даден звучел мошне потресно: „Спасувај се и спаси ја својата душа; не обѕрнувај се назад, не запирај се никаде во оваа околина! Бегај на оној рид за да не загинеш!“ Притеснувањето и колебањето во тој миг можеле да бидат судбоносни. Еден единствен копнежлив поглед фрлен врз градот на кој му претстои пропаст, еден миг на премислување или двоумење да го напуштат своето родно место - можеле да го платат со животот. Луњата на Божјиот суд чекала само овие единствени кутри бегалци да побегнат.

Но Лот, збунет и исплашен, молел да биде поштеден, да не го 161
снајде смрт пред да стигне на определеното место. И неговата вера во значителна мера ослабела поради постојаниот допир со неверниците додека живеел во тој безбожнички град. Небесниот Кнез бил на негова страна, а тој сепак се плашел за својот живот, како Бог да не го чувал и понатаму, иако до тогаш покажал кон него толку љубов и грижа. Требало целосно да им се довери на небесните весници, не сомневајќи се и не поставувајќи никакви прашања. Но, како и мнозина други, тој се обидувал сам да се погрижи за својот живот. „Ене, во оној град, доста е близу, да побегнам таму, а местото е мало; таму ќе се спасам; зашто е мал, па ќе останам жив.“ Градот што се споменува тука се викал Валака, а подоцна е наречен Сигор. Од Содом бил оддалечен само неколку километри, а бил исто така расипан и осуден на уништување, но Лот молел да биде поштеден, истакнувајќи дека моли затоа што градот е малечок, и желбата му била исполнета. „Ете, ќе те послушам, и затоа нема да го уништам градот за кој рече.“ О колку Бог е милостив кон заблудените созданија на своите раце!

Уште еднаш на Лот му е повторена свечената и сериозна заповед, зашто огнената луња не можела веќе да се одложува. Еден од бегалците, и покрај забраната, се осмелил својот поглед да го сврти кон градот осуден на пропаст, и се претворил во солен камен кој останал како споменик на божествената казна. Кога Лот не би се колебал да го послуша предупредувањето на ангелите и кога веднаш би побрзал во правец на горага без никакви забелешки и двоумења, тогаш и неговата жена би успеала да побегне. Влијанието на неговиот пример би ја сочувало од гревот кој ја запечатил нејзината пропаст. Но со својата колебливост и одолжување тој придонел таа лекомислено да ја прифати божествената опомена. Иако со телото била во рамнината, срцето ѝ останало во Содом, па заедно со него и пропаднала. Се бунела против Бога што неговата казна го зафатила и нејзиниот имот и нејзините деца. Иако ѝ била укажана голема милост со тоа што била изведена од безбожничкиот град, сепак сметала дека е премногу строго да се бара од неа да му го препушти на уништување сето свое богатство што го собирала со години. Наместо со благодарност да го прифати понуденото ослободување, таа дрско се осврнувала на минатото, посакувајќи онаков живот каков што воделе оние што ја отфрлиле божестве-
ната опомена. Нејзиниот грев покажал дека не била достојна за 162
животот за чиешто спасение била толку малку благодарна.

Мораме да внимаваме да не го прифаќаме лекомислено она што во Божјето провидение е толку милосливо сторено заради нашето спасение. Има христијани кои велат: „Што имам јас од тоа што ќе

бидам спасен ако со мене не се спасат и мојата жена и моите деца!“ Ним им се чини дека небото за нив нема да претставува спасение ако заедно со нив не бидат и нивните најблиски. Но имаат ли луѓето со такви чувства вистинска претстава за својот однос кон Бога и за неговата доброта и милост кон нив? Зар тие заборавaат дека се врзани со најсилни врски на љубовта, на честа и верноста што ги обврзуваат да му служат на својот Творец и Спасител? Повикот на милоста му е упатен на секого, и ако нашите пријатели или роднини ја отфрлаат молбата на љубовта на Спасителот, треба ли тогаш и ние да се свртиме од него? Спасението на душата е нешто што според вредноста нема споредба. За нашето спасение Христос платил неизмерно висока цена, и секој што знае да ја цени таа голема жртва и вредноста на душата, нема да ја презре понудената Божја милост поради тоа што други ја презираат. Токму тој факт што другите не ги признаваат праведните Божји барања треба да ни биде уште поголем поттик да го почитуваме Бога, настојувајќи и оние врз кои можеме да влијаеме да ја прифатат неговата љубов.

„И кога сонцето изгреа на земјата, Лот пристигна во Сигор.“ Се чинело дека светлите зраци на утринското сонце им најавуваат на градовите во долината само благосостојба и мир. На улиците почнувала бучавата на секојдневниот живот; луѓето се упатиле секој по свој пат, било на своја работа или на уживањата предвидени за тој ден. Зетовите на Лот ги исмевале стравувањата и опомените на изветреениот старец. Но, одненадеж и неочекувано, како гром од ведро небо, наишла луња. Бог од небото ја излеал врз градовите и плодните рамнини преполната чаша со оган и сулфур. Нивните палати, храмови, скапоцените згради, градините, лозјата и веселите толпи луѓе желни за уживање, кои уште минатата вечер ги исмевале Божјите весници - сè било уништено.Чадот од пожарот се издигал високо кон небото како чад од некаква огромна печка, а прекрасната Сидимска долина се претворила во пустина која никогаш веќе нема да биде обработувана ниту населена - останала сведоштво кое на сите поколенија на човештвото им зборува за неизбежната Божја казна над престапниците.

Пламенот што ги проголтал градовите во долината е силна опомена сè до нашите денови. Тоа го потврдува страшното и сериозно предупредување дека Божјата милост, иако на престапникот му
165 се укажува долго и стрпливо, има и граница преку која луѓето со своите гревови не можат да преминат. Кога ќе се стигне до таа граница, тогаш милоста престанува, а почнува извршувањето на казната.

Спасителот на светот кажува дека има и поголеми гревови отколку што биле оние поради кои се уништени Содом и Гомор. Сите

што ќе го слушнат повикот на евангелието, со кој грешниците се повикуваат на покајание, а не се ѕвиваат, се виновни пред Бога и повеќе грешни отколку жителите на Сидимската долина. А уште поголем грев од нивниот имаат оние кои тврдат дека го познаваат Бога и дека ги држат Божјите заповеди, додека со својот карактер и со секојдневниот живот се откажуваат од Христа. Во светлината на зборовите на Спасителот, судбината на Содом претставува сериозна опомена не само за оние што се виновни за сторениот грев, туку и за сите кои се играат со предимствата и со светлината пратена од небото.

Верниот сведок му порачува на ангелот на ефеската црква: „Но сум против тебе, зашто ја остави својата прва љубов. Спомни си од каде си паднал, и покај се, и врши ги поранешните дела; ако не, скоро ќе ти дојдам и ќе го преместам твојот светилник од неговото место, ако не се покаеш“ (Откровение 2,4.5). Одговор на понудената љубов и проштавање Спасителот чека со сочувство понежно од побудите што го поттикнуваат срцето на земните родители да му проштаваат на заблудениот син кој страда. Тој ги повикува заблудените со овие зборови: „Вратете се кај мене и јас ќе се вратам кај вас“ (Малахија 3,7). Но, ако заблудениот тврдоглаво се двоуми, не обрнувајќи внимание на опомената која толку нежно и со љубов повикува, тогаш тој ќе биде оставен во темнина. Срцето кое долго ја презирало Божјата љубов ќе се стврдне во гревот и не го чувствува веќе влијанието на Божјата милост. Страшна ќе биде судбината на оној за чијшто случај Спасителот, покрај сето свое настојување, конечно ќе мора да каже: „Се здружи со идоли, остави го“ (Осија 4,17). Во страшниот суден ден полесно ќе им биде на жителите на Содом и Гомор отколку на оние кои знаеле за Христовата љубов, а сепак се одвратиле од неа за да уживаат во задоволствата на грешниот свет.

Вие што ја презирате понудената милост, помислете на долгата низа записи напластени против вас во небесните книги, зашто таму се води точен извештај и се бележат податоците за безбожноста на народите, на семејствата и на секој поединец. Бог може да има долго трпение, дозволувајќи извештајот да се продолжува, упатувајќи повик на покајание и милосливо нудејќи проштавање; но сепак, доаѓа време кога сметката ќе биде заклучена, кога ќе падне одлука за секоја душа, кога со сопствен избор на секој поединец ќе биде решена неговата судбина. Тогаш ќе биде даден знак за извршување на пресудата.

Денешната состојба на верата во светот дава повод за сериозна 166
загриженост. Мошне лекомислено се прифаќаат Божјето трпение и неговата милост. Милиони го газат Божјиот закон и го прогласу-

ваат за неважен, „учејќи на човечки науки и заповеди“ (Матеј 5,9). Во многу цркви неверството се засилува. Тоа не е неверување во најширока смисла на зборот - отворено побивање на Библијата - туку неверување што се облекува во облеката на христијанството, а всушност ја поткопува верата во Библијата како Божје откровение. Живата и сесрдна побожност им го отстапила местото на празните формалности. Како последица на тоа, сѐ почесто се појавува сетилност и отпад од Бога и од верата. Христос рекол: „Како што беше во деновите на Лот... така ќе биде и во оној ден кога ќе се јави Синот човечки“ (Лука 17,28). Секојдневните записи за она што се случува денеска го потврдуваат исполнувањето на овие зборови. Светот бргу зрее за уништување. Врз оваа земја набргу ќе се урне Божјата казна и ќе бидат уништени и гревот и грешниците.

Нашиот Спасител рекол: „Само пазете се вашите срца да не бидат оптоварени со прејадување, со пијанство и со грижа за овој свет, за да не ве затече оној ден ненадејно; оти тој ќе дојде како примка за сите што живеат по целата земја“ - за сите чиишто интереси се сосредоточени на овој свет. „Бидете будни во секое време и молете се за да го избегнете сето она што ќе настане и да се исправите пред Синот човечки“ (Лука 21,34-36).

Пред уништувањето на Содом, Бог му пратил весници на Лот со пораката: „Спасувај се и спаси ја својата душа, и не обѕрнувај се назад; не запирај никаде во оваа околина! Бегај на оној рид за да не загинеш.“ Истата опомена ја чуле и Христовите ученици пред разурнувањето на Ерусалим: „А кога ќе го видите Ерусалим опколен со војска, знајте дека се приближило неговото запустување. Тогаш, оние што се наоѓаат во Јудеја, нека бегаат во планините“ (Лука 21,20.20). Не смееле да губат време спасувајќи што и да е од својот имот, туку со сите сили морале да ја искористат дадената можност за бегство.

Тоа било изделување од безбожниците, решителна разделба од нив, бегање за да се спаси животот. Така било во времето на Ное; така и во случајот на Лот; така со учениците пред разурнувањето на Ерусалим, а така ќе биде и во последните денови. Пак ќе се чуе Божјиот глас во опомена упатена до неговиот народ да се одвои од
167 безбоштвото кое сѐ повеќе се засилува.

Состојбата на моралната расипаност и отпадот што ќе преовладуваат во верскиот свет во последните денови му била покажана уште на пророкот Јован во сликата на Вавилон прикажан како „голем град кој царува над земните цареви“ (Откровение 17,18). Пред неговото уништување од небото, ќе биде упатен повик: „Излезете од неа, народе мој, за да не станете учесници во нејзините гревови и да не ги делите нејзините зла“ (Откровение 18,4).

Како во деновите на Ное и Лот, изделувањето од гревот и од грешниците мора да биде очигледно и решително. Меѓу Бога и светот не може да има никаков компромис, никакво обѕирање назад за да се сочува земното богатство. „Не можете да му служите на Бога и на мамонот“ (Матеј 6,24).

Слично на жителите на Сидимската долина, луѓето и денеска сонуваат за богатство и мир. „Спаси ја својата душа... бегај“, гласи опомената на Божјите ангели; но луѓето слушаат други гласови што велат: „Не возбудувај се; нема никаква причина за тревога.“ Мнозина викаат: „Мир е и нема од што да се плашиме“, додека небото тврди оти на престапникот му претстои пропаст која само што не се урнала врз него.

И онаа ноќ, непосредно пред својата пропаст, жителите на Сидимската долина не престанале да се оддаваат на разуздано уживање и да ги исмеваат стравувањата и опомените на Божјиот весник. Но сите тие хулници пропаднале во пламенот; токму таа ноќ засекогаш е затворена вратата на милоста пред безгрижните и безбожни жители на Содом. Бог нема довека да поднесува луѓето да го исмеваат и да го навредуваат; со него не треба да се шегуваме. „Ете, денот Господов доаѓа лут, со гнев и пламена јарост за да ја претвори земјата во пустина и да ги истреби од неа нејзините грешници“ (Исаија 13,9). Мнозинството на луѓето во светот ќе ја отфрлат Божјата милост и ќе бидат уништени со ненадејна и неизбежна пропаст. Но оние што ќе ја прифатат опомената, ќе бидат „во засолништето на Севишниот“ и ќе почиваат во „сенката на Семожниот“. Неговата вистина за нив ќе биде „штит и ограда“. Ним им припаѓа ветувањето: „Ќе го наситам со долг живот и ќе му го покажам моето спасение“ (Псалм 91,1.4.16).

Лот не живеел долго во Сигор; и тука владеело беззаконие како и во Содом и, стравувајќи дека и тоа гратче ќе биде разурнато, не смеел да остане тука. И навистина, не поминало долго и Сигор бил уништен, како што била Божјата немера. Потоа Лот се упатил во планините и живеел таму во пештера, лишен од сето она заради што се осмелил своето семејство да го изложи на влијанието на безбожничкиот град. Но содомското проклетство го прогонувало и таму. Грешното однесување на неговите ќерки уследило како резултат на лошото влијание на оние со кои се друже ле во тој изопачен град. Моралната расипаност во толкава мера им се 168
вовлекла во карактерот, што не биле во состојба да го разликуваат доброто од злото. Единствените потомци на Лот, Моавците и Амонците, биле идолопоклонички племиња, бунтовници против Бога и огорчени непријатели на неговиот народ.

Каква разлика меѓу животот на Аврама и Лота? Некогаш заедно оделе низ животот, на ист олтар принесувале жртви, живееле еден крај друг во своите шатори како дојденци; но колку сега се разминувале нивните патишта? Лот го избрал Содом од корист, задоволства и уживање. Го напуштил жртвениот олтар на Аврама и Аврамовата секојдневна жртва принесувана на живиот Бог и им дозволил на своите деца да се дружат со безбожните и расипани идолопоклоници; но сепак, во неговото срце се задржал стравот од Бога, зашто Светото писмо кажува за него дека бил „праведник“. Неговата праведна душа ја мачеле секојдневните одвратни разговори што морал да ги слуша, насилството и расипаноста што не можел да ги спречи. Бил спасен во последен миг како „гламна истргната од оган“ (Захарија 3,2), но лишен од сè што имал, оставен без жена и деца и озлогласен, под стари денови морал да живее во пештера како див ѕвер; тој на светот не му оставил ниту едно поколение праведни луѓе, туку две идолопоклонички нации што биле во непријателство со Бога и војувале против неговиот народ сè додека не ја преполниле чашата на своето беззаконие и биле препуштени на пропаст. Колку страшни биле последиците на еден непромислен чекор!

Мудрецот кажува: „Не мачи се да се збогатиш, и остави ја својата мудрост.“ „Лакомиот ќе го растури својот дом, а оној кој мрази подароци, ќе живее“ (Мудри изреки 23,4; 15,27). А апостол Павле додава: „А оние што сакаат да се збогатат, паѓаат во искушение, во примки и во многу неразумни и штетни желби, што го потопуваат човекот во пропаст и погибел“ (1. Тимотеј 6,9).

Кога се настанил во Содом, Лот бил цврсто решен да се држи на отстојание од безбожните луѓе и истото тоа да му го нареди и на „својот дом по себе“. Но забележливо отстапил од тоа. Заводничките влијанија со кои бил опкружен дејствувале негативно врз неговата вера, а врските на неговите деца со жителите на Содом длабоко ги поврзале неговите интереси со нивните. Последиците на тоа се очигледни.

И денеска мнозина прават иста грешка. Кога бараат место за живеење, тие повеќе внимаваат на земните погодности и можности да заработат, отколку на моралните и општествените влијанија на кои ќе бидат изложени и кои ќе го опкружуваат нивното семејство.
169 Настојувајќи да постигнат колку што е можно поголема благосостојба, тие бираат убава и плодна долина или се населуваат во некој град што дава можност за брзо збогатување; но поради тоа децата им се изложени на искушенија и често склучуваат познанства што мошне неповолно влијаат врз развитокот на побожноста и врз

изградувањето на исправен карактер. Атмосферата на слабиот морал, неверството и рамнодушноста кон верските работи, често дејствуваат спротивно од влијанието на родителите. Децата постојано гледаат противење против родителскиот и божествениот авторитет. Мнозина поинтимно се зближуваат со неверниците и својата судбина ја поврзуваат со Божјите непријатели.

Кога си бараме себеси дом, Бог сака првенствено да обрнеме внимание на моралните и верските влијанија што ќе нè опкружуваат нас и членовите на нашето семејство. Можеби со стек на околностите ќе се најдеме во мачна положба, зашто мнозина не можат да имаат таква средина каква што би сакале; но каде и да нè одведе нашата должност, Бог ќе ни даде сила да останеме чисти, ако постојано стражариме во молитва, верувајќи во Христовата милост. Меѓутоа, не смееме без потреба да се изложуваме на влијание кое неповолно дејствува врз изградувањето на христијанскиот карактер. Ако доброволно се изложуваме на световна атмосфера и на неверство, ѝ се противставуваме на Божјата волја и ги истеруваме светите ангели од нашиот дом.

Сите кои на своите деца им пластат земно богатство и им осигуруваат почит од светот на сметка на нивните вечни интереси, на крај ќе видат дека сите привидни предимства и благодети всушност се страшна загуба. Мнозина, слично на Лот, доживуваат да ја видат пропаста на своите деца и одвај ја спасуваат сопствената душа. Сè што правеле во својот живот пропаѓа, а целиот живот им е жалосен неуспех. Да се раководеле според мудроста, нивните деца можеби би имале помалечко земно богатство, но затоа би стекнале право на непоминливото вечно наследство.

Наследството што му го ветил Бог на својот народ не е на овој свет. Аврам на овој свет немал земја „ниту една стапка“ (Дела 7,5). Бил мошне богат со подвижно богатство што го употребувал да го слави Бога и да им помага на ближните, но овој свет не го сметал за свој роден крај. Господ го повикал да ги напушти своите идолопоклонички земјаци и за вечни времиња му ја ветил хананската земја; но сепак, неа не ја наследиле ниту тој, ниту неговиот син, ниту синовите на неговиот син. Кога посакал да има посебно место да ги закопа своите мртви, и тоа морал да го купи од еден Хананец. Единствениот негов имот во ветената земја се состоел од една гробница изделкана во камен во пештерата Макпела.

Меѓутоа, Божјиот збор сепак не изневерил. Самото заземање на Ханан од страна на Евреите не значело негово целосно исполнување. „А ветувањата му се дадени на Аврама и на неговиот Потомок“ (Галатите 3,16). Лично Аврам требало да учествува во благословите на ветеното наследство. Можело да се чини дека

170 исполнувањето на ветувањето премногу се одолжува, но „еден ден пред Господа е како илјада години, а илјада години како еден ден" (2. Петрово 3,8). Може да се чини дека Бог „се премислува" да го исполни тоа ветување, но во одредено време „навистина ќе дојде и нема да задоцни" (Авакум 2,3). Ветувањето дадено на Аврама и на неговото семе не се однесувало само на Ханан, туку на целата земја. Така кажува апостолот: „Навистина, ветувањето на Аврама или на неговото потомство дека ќе биде наследник на светот не е дадено зависно од некој закон, туку од праведноста на верата" (Римјаните 4,13). А Библијата јасно кажува дека ветувањата дадени на Аврама треба да се исполнат преку Христа. Сите што се Христови „се Аврамови потомци и според ветувањето наследници", наследници „на непропадливо наследство што нема да изгние ниту да овене" (Галатите 3,29; 1. Петрово 1,4), а тоа е новата земја ослободена од клетвата на гревот. Зашто „царството, власта и величеството под сето небо ќе му се дадат на народот, на светците на Севишниот" (Даниел 7,27), а „понизните ќе ја наследат земјата и ќе уживаат богат мир" (Псалм 37,11).

Бог на Аврама во визија му го покажал тоа бесмртно наследство што нема да овене, и со тоа неговата надеж била задоволена. „Со вера се пресели Аврам во ветената земја, како во туѓа, и се настани под шатори со Исака и Јакова, наследниците на тоа ветување; оти тој го очекуваше оној град што има основи и чиј градител и творец е Бог" (Евреите 11,9.10).

За Аврамовите потомци стои напишано: „Сите тие умреа со вера, не добивајќи ги ветувањата, а само оддалеку ги видоа и се увериија, и ги поздравија, признавајќи дека се гости и придојдени." Ако сакаме „подобро" наследство, „односно небесно", овде на земјава мораме да живееме како гости и дојденци (Евреите 11,13.16). Оние што се деца Аврамови се стремат кон оној град што го „чекаше тој ... чијшто градител и творец е Бог".

15

# СВАДБАТА НА ИСАКА

*Оваа глава е заснована на 1. Мојсеева 24 глава*

Аврам веќе бил во длабока старост и чувствувал дека му се ближи крајот, а му останала недовршена уште една работа со што требало да се осигури ветувањето за неговото потомство. Исак бил од Бога одреден наследник на Аврама, верен чувар на законите на Јехова и татко на избраниот народ, но тој уште не бил женет. Жителите на хананската земја потонале во идолопоклонство и Бог забранил склучување на брачни заедници меѓу нив и неговиот народ, знаејќи дека таквите врски само би воделе кон отпад. Патријархот се плашел од дејствувањето на порочните влијанија што го опкружувале неговиот син. Во карактерот на Исака се одразувала Аврамовата вера во Бога и неговата потчинетост на неговата волја, но чувствата на младиот човек, кој по природа бил попустлив и благ, биле мошне силни. Кога би се врзал со жена која не би го почитувала Бога, би се заканувала опасност, заради мир во домот, да ги жртвува своите начела. Според мислењето на Аврама, изборот на жена за неговиот син претставувал сериозно прашање; затоа будно настојувал да го ожени со девојка која нема да го одвраќа од Бога.

Во старо време склучувањето на браковите за синовите или ќерките обично го договарале родителите, па тоа било обичај и меѓу Божјиот народ. Од никого не се барало да стапи во брак со лице што не можел да го сака; но секогаш кога би се колебале во своите чувства и склоности, младите би го прифаќале судот на искусните и богобојазливи родители. Да им се противи на родителите, значело не само навреда и срам за нив, туку тоа се сметало и за злосторство.

Имајќи доверба во мудроста и љубовта на својот татко, Исак бил задоволен со тоа целата работа да му ја препушти нему, а верувал дека Бог работите ќе ги сосредоточи во добар правец. Мислите на патријархот биле насочени кон роднините во родната Месопо-

тамија. Иако не биле наполно слободни од идолопоклонството, роднините на неговиот татко сепак знаеле за вистинскиот Бог и му се молеле. Исак не смеел да го напушти Ханан и да оди кај нив, но меѓу нив можеби би се нашла девојка која би била подготвена
172 да го напушти своето родно место за да се здружи со него во вистинското почитување на живиот Бог. Таа значајна задача Аврам му ја доверил на „својот најстар слуга“, побожен и искусен човек со здраво расудување кој долго и верно му служел. Го обврзал со свечена заклетва пред Бога дека за син му нема да доведе ќерка од Хананците, туку девојка од семејството на Нахора во Месопотамија. Во случај да не се најде девојка што би се согласила да го напушти своето семејство и роднините, тогаш слугата се ослободувал од заклетвата; но Исака во никој случај не смеел да го одведе таму. Во неговата тешка и деликатна задача патријархот го храбрел, уверувајќи го дека неговиот потфат Бог ќе го круниса со успех. „Небесниот Господ Бог, кој ме изведе од домот на мојот татко ... Тој ќе прати свој ангел пред тебе.“

Слугата без одлагање тргнал на пат. Земајќи десет камили за потребите на своите сопатници, како и за придружба за невестата при враќањето, приготвил и подароци наменети за идната избраница и за нејзините роднини, па се упатил на далечен пат до Дамаск и понатаму, до богатите рамнини што ја опкружуваат големата река на Истокот. Кога пристигнал во Харан, „градот на Нахора“, се запрел пред изворот надвор од градските ѕидови каде што жените предвечер доаѓале по вода. Бил мошне загрижен и замислен. Од неговиот избор ќе произлезат важни последици не само за семејството на неговиот стопан, туку и за идните поколенија; а како да изврши мудар избор меѓу луѓе кои му биле наполно непознати? Споменувајќи си за зборовите на Аврама дека Бог ќе прати пред него свој ангел, се помолил искрено и побарал упатство. Во семејството на својот господар бил навикнат на постојана љубезност и гостољубивост, па се молел според таквото учтиво и благородно однесување да ја препознае и девојката што ја избрал Бог.

Одговорот на неговата молитва стигнал пред таа до крај да биде изговорена. Меѓу жените што доаѓале на изворот се нашла една чиешто учтиво однесување го привлекло неговото внимание. Кога се враќала од изворот, странецот излегол пред неа и побарал да се напие од стомната што ја носела на рамо. Мошне љубезно му ја исполнила молбата и понудила да налее вода и за неговите камили; било вообичаено таква услуга дури и кнежевските ќерки да им прават на стадата на своите татковци. Со тоа бараниот знак бил добиен. Девојката била мошне убава, а нејзината подготвеност така љубезно да биде услужна го осведочила за добрината

и нежноста на срцето и за нејзината енергична природа. Колку 173
прекрасно го водела божествената рака! Откако ѝ се оддолжил за укажаната љубезност со богати подароци, ја прашал за потеклото и за роднините и кога дознал дека е ќерка на внукот на Аврама, Ватуил, „се наведна и му се поклони на Господа“.

Дојденикот замолил за конак во куќата на нејзиниот татко и, искажувајќи ја својата благодарност, ги изнел фактите за својата поврзаност со Аврама. Кога девојката се вратила дома, раскажала што ѝ се случило, па нејзиниот брат, Лаван, веднаш побрзал странецот и неговата придружба да ги доведе под свој покрив и да им укаже гостопримство.

Елиезер не сакал да јаде додека не ја изложил задачата што му ја доверил неговиот господар, како се молел за неа на изворот, и сите околности што ја следеле таа негова молитва. А потоа прашал: „А сега, кажете ми: ќе му укажете ли милост и правда на мојот господар или не? Ако, пак, не сакате, кажете ми, и јас ќе тргнам надесно или налево.“ Одговорот гласел: „Од Господа дојде ова; ние не можеме да ти кажеме ни лошо ни добро. Ете, Ревека е пред тебе, земи ја па оди си, и нека му биде жена на синот на твојот господар, како што рекол Господ.“

Бидејќи роднините се согласиле, ја прашале и Ревека дали се согласува да оди толку далеку од куќата на татка си и да се омажи за синот на Аврама. Врз основа на сѐ што се случило, таа верувала дека неа сам Бог ја определил за жена на Исака и рекла: „Сакам!“

Слугата веќе ја замислувал и ја претчувствувал радоста на својот господар по повод успешното завршување на задачата и бил нестрплив да појде. Следното утро тие се упатиле дома. Аврам во тоа време живеел во Вирсавеја, а Исак ги пасел стадата во околината и, кога требало да го пречека слугата од Харан, се упатил кон шаторите на татка си. „Приквечер излезе Исак во полето да се прошета, па ги крена очите, а тоа, ете, камилите идат. Ревека, откако ги подигна очите и го виде Исака, слезе од камилата и го праша слугата: Кој е оној човек што ни доаѓа преку полето во пресрет? А слугата одговори: Тоа е мојот господар. Тогаш таа зеде превез, па се покри. И му раскажа слугата на Исака сѐ што беше направил. Тогаш Исак ја одведе Ревека во шаторот на својата мајка Сара, и таа му стана жена, и му омиле. И Исак се утеши за својата мајка Сара.“

Аврам ги имал на ум последиците што ги имала брачната врска меѓу оние што го почитуваат Бога и оние што не го почитуваат
него уште од деновите на Каина па сѐ до неговото време. Ги имал 174
пред очи последиците на својот брак со Агара и брачните односи на Исмаел и Лот. Раѓањето на Исмаел, што претставувало мешање на

праведничкото со безбожничкото семе, настанало само затоа што ниту Аврам ниту Сара немале доволно вера. Наспроти влијанието на татко му, врз Исмаел дејствувало идолопоклоничкото влијание на роднините на мајка му и неговите брачни врски со жените од незнабожечко потекло. Љубомората и зависта на Агара и жените што таа ги одбрала за својот син Исмаел, за Аврамовото семејство претставувале затворен круг од кој тој попусто се обидувал да се ослободи.

Поуките што ги примил Исмаел од Аврама во своето рано детство не останале безуспешни; но, под влијание на неговите жени, во семејството е воспоставено идолопоклонство. Одвоен од татка си и огорчен од караниците и несогласијата во семејството, лишен од љубовта и од богобојазливоста, Исмаел бил присилен да го одбере разбојничкиот живот на пустински поглавица: „Неговата рака ќе се дига на секого и сечија на него“ (1. Мојсеева 16,12). Тој подоцна се каел за своите дела и за своите постапки и се вратил на вистинскиот пат да му служи на вистинскиот Бог на кого му служел неговиот татко, но оваа карактерна црта, пренесена на неговото потомство, останала. Силната нација што води свое потекло од него претставува еден воинствен незнабожечки народ кој за потомците на Исака бил вечно искушение и ги вознемирувал.

Жената на Лот била себична и нерелигиозна, а своето влијание врз мажот го користела да го оддели од Аврама. Кога таа не би настојувала, Лот не би останал во Содом, лишувајќи се од мудриот и богобојазлив совет на искусниот патријарх. Влијанието на неговата жена и на жителите на тој безбожнички град би го одвеле во целосен отпад од Бога кога не би постоеле верните поуки што ги примил порано од Аврама. Женидбата на Лот и неговиот избор на Содом за место на живеење биле првите алки во синџирот на настаните кои на светот му носеле само зло во текот на многу генерации.

Ниеден богобојазлив човек не може без опасност да се врзе за лице кое не се бои од Бога. „Можат ли двајца да одат заедно ако не се сложат?“ (Амос 3,3). Среќата и единството на брачната заедница зависат од еднодушноста и слогата на сопружниците, но меѓу верниците и неверниците постои основна разлика во вкусот, во навиките и намерите. Секој од нив му служи на друг господар кои никогаш не можат да се сложат. Колку и да се нечии принципи чисти и примерни, влијанието на неверниот сопружник секогаш
175 ќе се стреми кон одделување од Бога.

Оној што стапил во брачна заедница пред да се преобрати, по преобратувањето должен е да му биде уште поверен на својот сопружник, без оглед на тоа колку тие се разминуваат во своите

верски убедувања; но Божјите барања треба да се почитуваат повеќе од сите земни односи, па дури ако поради тоа би настапиле искушенија и прогонства. Со дух на љубов и кротост, верната страна може да го придобие неверниот сопружник. Меѓутоа, Библијата забранува склучување на брачна заедница меѓу еден христијанин и неверник. Божјата заповед гласи: „Не впрегнувајте се во јарем со неверници“ (2. Коринќаните 6,14.17.18).

Исак бил високо ценет од Бога и избран за наследник на ветувањето што требало да биде благослов за целото човештво; но тој, иако тогаш веќе имал четириесет години, ја прифатил одлуката на својот татко кога овој го определил искусниот и побожен слуга да му одбере жена. Резултатот на ваквата женидба, како што е прикажан во Светите записи, е слика на една чиста и вистинска семејна среќа: „Тогаш Исак ја одведе Ревека во шаторот на својата мајка Сара и таа му стана жена, и му омиле. И Исак се утеши за својата мајка Сара.“

Каква спротивност меѓу однесувањето на Исака и она кон што се стремат младите во денешно време, па дури и оние што тврдат дека се христијани! За жал, многу често младите сметаат дека прашањето на кого ќе му ги подарат своите најдлабоки чувства треба да го решаваат тие - сами - дека тоа е област во која на никој начин не треба да се мешаат ниту Бог ниту родителите. Многу порано, пред да постигнат соодветна зрелост, мислат дека се способни да го извршат својот избор без помош на родителите. Меѓутоа, само неколку години поминати во брак обично се доволни да ја увидат својата заблуда, но тогаш е премногу доцна да се отстранат злокобните последици. Истиот недостиг од самосовладување и мудрост, со кои е условен пребрзиот избор, и сега само го зголемува злото, додека бракот не стане чемерен јарем. Мнозина така доживеале бродолом и ја уништиле својата среќа и за идниот живот.

Ако воопшто постои прашање што треба внимателно да се разгледа и за кое треба да се побара совет од постари и поискусни луѓе, тогаш тоа е кога се стапува во брак; ако некогаш Библијата е потребна како советник, ако некогаш е потребно да се бара божествено водство во молитва - тоа треба најсесрдно да се стори пред да се преземе чекорот што го врзува човекот за цел живот. Родителите постојано треба да ја имаат пред очи својата одговорност 176
за идната среќа на своите деца. Исаковото прифаќање на одлуката на татка си била нормална последица на воспитувањето што го оспособило за послушен живот. Иако Аврам барал од своите деца да го почитуваат неговиот родителски авторитет, сепак, неговиот секојдневен живот давал доказ за тоа дека тој авторитет не бил

некое самољубиво или самоволно господарење, туку заснован на љубов и настојување да им обезбеди благосостојба и среќа.

Татковците и мајките се должни чувствата на своите деца да ги насочуваат така што својата наклоност и љубов ќе му ги подарат на оној што ќе им биде соодветен другар. Тие исто така се должни со лично поучување и со личен пример, со помош на Божјата милост, карактерот на своите синови и ќерки уште од нивното најрано детство да го вообличуваат така за да бидат чисти и благородни, наклонети кон добротата и вистината. Сличните души меѓусебно се привлекуваат; сличните се ценат едни со други. Затоа настојувајте во душата на младите да всадите љубов кон вистината, кон добротата и чистотата, и тие ќе се стремат кон друштво на оние што имаат исти карактерни особини.

177 Родителите во својот карактер и во домашниот живот нека ја покажуваат љубовта и добротата на небесниот Отец. Домот нека биде осветлен со сонце на ведрина и среќа. Тоа за вашите деца ќе има многу поголема вредност отколку имотот и парите. Во нивното срце секогаш нека живее љубов кон домот, така што подоцна сеќавањето на деновите на детството и на родниот дом, како засолниште на мир и среќа, во нивните мисли доаѓа веднаш зад мечтата за небесната среќа и блаженство. Сите членови на семејството немаат ист карактер и склоности, и затоа често ќе биде потребно да се покажува повеќе трпение и попустливост; сепак, со љубовта и со примерот на самодисциплина можат сите да бидат поврзани во најтесна заедница.

Вистинската љубов е возвишено и свето начело; по својата природа таа наполно се разликува од онаа љубов која е разбудена само со некој поттик или со нагон и која бргу исчезнува штом ќе наиде на посериозно искушение. Со верноста во извршувањето на должностите доверени во родителскиот дом, младите се приготвуваат за водење на сопствено домаќинство. Затоа овозможете им, додека се уште со вас, да покажуваат самооткажување, љубезност, услужливост и христијанска љубов. Таквата љубов нема да биде непостојана; и секој што пораснал и што е воспитан во таков дом, кога еднаш и сам ќе стане глава на сопствен дом, ќе знае да го усреќи лицето што ќе го избере за свој брачен другар. Во тој случај бракот нема да претставува крај на љубовта, туку во него вистинската љубов допрва ќе почне.

16

# ЈАКОВ И ИСАВ

*Оваа глава е заснована на 1. Мојсеева 25,19-34 и 27 глава*

Синовите близнаци на Исака, Јаков и Исав, претставуваат очигледна и значајна спротивност и во карактерот и во животот. Таа нееднаквост ја преткажал Божји ангел уште пред нивното раѓање. Во одговорот на молитвата што ја упатила Ревека во својот страв и загриженост, тој ѝ рекол дека ќе има два сина и дека секој од нив ќе биде глава на силен народ, но дека едниот ќе биде поголем од другиот и дека помладиот ќе има првенство.

Кога Исав пораснал, живеел распуштено и неговиот интерес бил наполно сосредоточен на сегашноста. Бидејќи никако не се мирел со тоа некој да го зауздува, нашол задоволство во дивата слобода на ловот, и така уште рано го избрал ловечкиот живот. Но сепак бил љубимец на својот татко. Кроткиот и мироубив пастир го привлекувала смелоста и енергијата на неговиот постар син, кој бестрашно ги крстосувал горите и пустините и се враќал кај татка си со уловен дивеч и со возбудливи стории за своите авантури. Јаков секогаш бил замислен и внимателен. Размислувал повеќе за иднината отколку за сегашноста и се задоволувал да остане дома, пасејќи ги стадата и обработувајќи земја. Мајка му ја ценела неговата стрпливост, неговата истрајност, трудољубивост и претпазливост. Неговите чувства биле длабоки и силни, а сесрдното и непрекратно внимание ѝ носело многу повеќе среќа отколку избувливите и повремени изливи на восхит на Исава. Ревека повеќе го сакала Јакова.

Сите желби и надежи на Исака и Ревека биле засновани на ветувањата дадени на Аврама и потврдени на неговиот син. Исав и Јаков знаеле за тие ветувања. Биле поучени дека наследното право има големо значење, зашто тоа не носи само земни богатства, туку во себе содржи и духовно првенство. Првородениот секогаш требало да биде свештеник на семејството, а од редовите на неговите потомци требало да дојде и Спасителот на светот. Од друга страна,

178 првородениот имал и одговорности. Оној што ќе ги наследи благословите што му припаѓале на првородениот, морал да му го посвети својот живот на Бога; морал да ги слуша Божјите наредби како и Аврам. Морал да постапува сообразно со откриената Божја волја при изборот на брачниот другар и во сите области од јавниот и семејниот живот.

Исак ги запознал своите синови со тие предимства и со условите и им објаснил дека Исав, како постар по раѓање, имал право на првенство. Но Исав не бил наклонет кон верскиот живот, ниту му било грижа за побожноста. Барањата и обврските на духовното првородство за него претставувале несакани и одвратни ограничувања. Божјиот закон, што претставувал услов на божествениот завет склучен со Аврама, Исав го сметал за ропски јарем. Наклонет да им попушта на своите телесни желби, кон ништо не се стремел толку колку кон слобода да прави што му се допаѓа. Според неговото сфаќање, среќата се состоела од богатство, од моќ, веселба и уживање во насладите. Се гордеел со неограничената слобода на својот див, скитнички живот. Споменувајќи си за зборовите на ангелот, Ревека карактерот на своите синови го читала со појасно сфаќање отколку Исак. Била убедена дека на Јакова му е наменето да биде наследник на божественото ветување. Таа на Исака му ги повторувала зборовите што ги кажал ангелот, но чувствата на таткото биле сосредоточени на постариот син и тој останал непоколеблив во својата намера.

Јаков од мајка си дознал за божественото навестување според кое правото на првородство требало да му припадне нему и бил исполнет со неискажлив копнеж за предимствата што би ги стекнал со тоа право. Не жеднеел за богатсвото на татка си; неговиот копнеж се однесувал на духовното предимство што му припаѓало на првенецот. Да одржува блиски духовни односи со Бога, како што го правел тоа праведниот Аврам, да принесува жртви помирници за своето семејство, да биде еден од предците на избраниот народ и на ветениот Месија, да го наследи вечното и непоминливо богатство опфатено со благословите на заветот - тоа биле предимствата и почестите со кои гореле неговите најсесрдни желби. Неговите мисли постојано биле упатени кон она што допрва ќе дојде и тој сакал да ги сфати невидливите благослови на иднината.

Со прикриен копнеж слушал сè што им раскажувал татко им за духовните предимства на првородениот, додека во срцето верно го чувал и го паметел она што го дознал од мајка си. За тој предмет мислел ден и ноќ сè додека истиот не го опфатил целокупното негово животно интересирање. Меѓутоа, иако вечните благослови ги ценел повеќе отколку привремените земни добра,

Јаков за Бога, на кого му оддавал толкава почит, сепак, немал знаење стекнато од искуство. Неговото срце не било преродено со божествената милост. Мислел дека ветувањето што му било 179
наменето нему не може да се исполни сè додека Исав го задржува правото на првородство, па постојано размислувал на кој начин би се добрал до благословот што неговиот брат толку малку го ценел, а кој за него бил толку драгоцен.

Еден ден, кога се вратил од лов уморен и папсан, Исав посакал од јадењето кое Јаков штотуку го зготвил, а овој, имајќи ја на ум секогаш онаа, за него најважна мисла, подготвено ја искористил приликата и понудил да го уталожи гладот на брата си, но по цена на правото на првенство. Лекомислениот ловец, готов да им попушта на своите желби, рекол: „Еве, ќе умрам, па зошто ми е првенството?“ и за една чинија на некаква црвена чорба му го препуштил своето право на првенство и спогодбата ја потврдил со заклетва. Секако, во шаторите на татка си би добил храна за најкусо време, колку што било неопходно таа да се приготви. Но, за да ја задоволи моментната желба, лекомислено го дал во замена славното наследство кое на неговите татковци им го дал лично Бог. Сето негово внимание и интереси биле насочени кон сегашноста. Бил готов небесното да го жртвува за земното, во замена за моментното задоволување да ги даде доброто и среќата на иднината.

„Така Исав не држеше до своето првенство.“ Кога се ослободил од првенството, му се сторило како да почувствувал некое олеснение. Сега ништо не му стоело на патот - можел да прави што сака. Колку има такви и денеска кои за пустото задоволство, лажно наречено слобода, го продаваат своето право на првенство што им дава чисто, неизвалкано и вечно наследство на небото.

Подлегнувајќи и понатаму и уште подлабоко на надворешните и земните привлечности, Исав зел две жени меѓу хетејските ќерки. Тие служеле на лажни богови и со своето идолопоклонство на Исака и Ревека им задавале многу јадови и горчина. Со тоа Исав прекршил еден од условите на заветот со кој било забрането склучување на брачни врски меѓу избраниот народ и незнабошците; па сепак, Исак сè уште бил непоколеблив во својата одлука нему да му го остави благословот на првородството. Таа негова одлука не можеле да ја изменат ниту причините на Ревека, ниту сесрдниот копнеж на Јакова за благословот, ниту рамнодушноста на Исава кон обврските на ветувањето.

Многу години поминале додека Исак, тогаш веќе стар, слеп и очекувајќи скорашна смрт, не решил да го искаже благословот над својот постар син. Меѓутоа, бидејќи знаел за противењето на Ревека и Јакова против неговата намера, решил овој свечен обред

да го изведе тајно. Во сообразност со обичајот по повод таквите свечености да се приреди гозба, патријархот му наредил на Исава: „Земи ја сега својата спрема, лакот и стрелите, и излези в поле, и улови ми дивеч. Па зготви ми јадење... И да те благослови мојата
180 душа пред да умрам.“

Ревека ја претчувствувала неговата намера. Била убедена дека тоа е спротивно на она што ѝ го открил Бог нејзе како своја божествена волја. На Исака му се заканувала опасност да се изложи на Божје незадоволство и гнев лишувајќи го помладиот син од она што му го доделил Бог. Напразно се трудела Исака да го убеди со причините и затоа решила да прибегне кон лукавство.

Само што Исав заминал да ја изврши наредбата на татка си, Ревека побрзала да ја исполни својата намера. Му го изложила на Јакова она што се случува и го убедила дека нешто мора да се преземе, и тоа веднаш, за да се спречи конечно и неотповикливо благословот да му биде доделен на Исава. Го уверувала и го храбрела својот помлад син да постапи според нејзините упатства за да го прими тој благослов како што ветил Бог. Помислата дека треба да го измами татка си му паѓала многу тешко и силно го загрижила. Чувствувал дека тој грев побргу ќе му донесе проклетство отколку благослов. Но неговото двоумење и стравување пред сопствената совест биле совладани, и тој најпосле решил да ги прифати упатствата на мајка си. Немал намера директно да кажува лага, но кога веќе истапил со тоа пред татка си, му се сторило дека отишол премногу далеку за да може да се врати, и со измама го примил саканиот благослов.

Јаков и Ревека успеале да го остварат својот план, но измамата им донела само страдање и болка. Бог рекол дека Јаков ќе го добие правото на прворoccтво и неговиот збор би се исполнил во свое време кога би имале доверба и кога стрпливо би чекале Тој да работи за нив. Но, како и денеска што постапуваат мнозина кои се нарекуваат Божји деца, тие не биле расположени работата да ја препуштат во Божји раце. Ревека горко се каела што му дала таков погрешен совет на својот син, кој поради тоа морал да ја напушти неа и никогаш повеќе не му го видела лицето. Од мигот кога го примил првенството, Јаков почувствувал товар на кривица и цел живот се осудувал самиот себеси. Згрешил против татка си, против брата си, против својата сопствена душа и против Бога. Во еден судбоносен миг сторил дело поради кое се каел цел живот. Таа сцена живо му излегувала пред очи во текот на подоцнежните години секогаш кога душата би му ја притискало лошото однесување на неговите синови.

Штом Јаков излегол од шаторот на татка си, стигнал Исав. Иако своето првенечко право го продал и продажбата ја потврдил со свечена заклетва, тој сега, независно од барањата на неговиот брат, решил да си ги осигури себеси благословите што произлегуваат од тоа. Со духовното првенство биле поврзани земните предимства што би му овозможиле водство во семејството и двапати поголем дел при наследувањето на богатството на татка си. Благословите што тој можел да ги цени биле поврзани со второто, со богатството на татко му. „Стани, татко, и јади од она што го улови твојот син“, 181
му рекол на татка си, „па да ме благослови твојата душа.“

Треперејќи од изненадување и болка, стариот и слеп татко дознал дека го измамиле. Неговите долго и со љубов негувани надежи биле осуетени, а тој длабоко и болно го чувствувал разочарувањето што морало да го погоди неговиот постар син. Сепак, му светнала мислата дека Божјето провидение ги спречило неговите намери и го остварило токму она што тој сакал да го избегне. Си споменал за зборовите што ѝ ги упатил ангелот на Ревека и увидел дека Јаков, и покрај гревот што го сторил сега, бил попогоден за исполнување на Божјата намера. Додека благословувал, го почувствувал Духот на пророштвото; и тогаш, сфаќајќи што се случило, сепак го потврдил благословот што, и не сакајќи, му го дал на Јакова: „Тој и ќе остане благословен.“

Исав малку го ценел благословот сè додека се чинело оти му е сигурен, при рака; но сега, кога засекогаш го загубил, тој посакал да го добие. Сета сила на неговата незауздана и страстна природа се побунила, а болката и бесот избиле со жестока силина. Залипал горко со сиот глас: „Татко, благослови ме и мене!... Зар не остави и за мене благослов?“ Но даденото ветување не смеело да се повлече. Своето првенечко право што толку лесно го продал, не можел веќе да го добие. „За една чинија јадење“, за моментно задоволување на апетитот кој никогаш не бил зауздуван, Исав го продал своето наследство; но кога ја увидел својата лудост, било премногу доцна повторно да го стекне правото на благослов. „Покајанието не најде место иако го бараше со солзи“ (Евреите 12,16.17). На Исава не му било скусено правото со покајание да ја побара Божјата наклоност, но немало веќе никаков начин ниту средство да го поврати правото на првенство. Неговата болка не произлегувала од осведочувањето за гревот; тој не се трудел ниту сакал да се помири со Бога. Му било жал поради последиците на неговиот грев, но не и поради самиот грев.

Поради својата рамнодушност кон благословите и кон Божјите барања, Исав во Библијата се нарекува „опоганет“ (Евреите 12,16). Тој ги претставува сите што малку го ценат откупот стекнат со

182 Христовата крв и кои се готови да го жртвуваат своето небесно наследство за поминливите земни интереси. Голем е бројот на оние што живеат само за овој свет, без никаква грижа и мисли за иднината. И тие велат како Исав: „Да јадеме и да пиеме, зашто утре ќе умреме“ (1. Коринќаните 15,32). Тие се робови на своите склоности и наместо да се вежбаат на самооткажување, тие побргу се откажуваат од она што има вечна вредност. Кога треба да се бира: или да му се попушта на изопачениот апетит или да се добијат небесните благослови ветени само на оние што се откажуваат од самите себе и се бојат од Бога, тогаш првенство му се дава на апетитот, а небото и Бог речиси се занемаруваат. Колку има такви дури и меѓу божемните христијани кои се оддаваат на задоволства кои се штетни за здравјето и кои ја умртвуваат чувствителноста на душата. Нив ги навредува кога ќе им се укаже дека должност им е да се воздржуваат од секое валкање на телото или духот за да ја усовршат светоста во Божји страв. Тие увидуваат дека не е можно да се обезбеди небесно блаженство, а во исто време да ги задржат своите штетни уживања, и бидејќи патот кон вечен живот е толку тесен, тие се одвраќаат од него.

Илјадници има такви кои го продаваат своето право на првенство за сетилните уживања. Здравјето се жртвува, умните способности слабеат и се губи небото, и сето тоа поради едно моментно задоволство, поради задоволство кое човекот и го слабее и го понижува. Како Исав што се разбудил и лудоста на својата брзоплето сторена замена ја увидел дури тогаш кога било премногу доцна да се отстранат нејзините последици, така во денот на Божјиот суд ќе биде и со сите кои небесното наследство го заменуваат за себично задоволување на телесните желби.

17

# БЕГСТВОТО НА ЈАКОВА И НЕГОВОТО ИЗГНАНСТВО

*Оваа глава е заснована на 1. Мојсеева 28 до 31 глава*

Бидејќи разјарениот брат му се заканувал со убиство, Јаков морал да го напушти огништето на татка си како бегалец и изгнаник, но не без татков благослов. Исак му го повторил ветувањето на заветот и, како на наследник на тоа ветување, му наредил да се ожени со девојка од родот на својата мајка во Месопотамија. Јаков сепак на пат пошол осамен, мошне загрижен и со длабоко вознемирено срце. Стотици километри морал да патува само со стап во рака, низ предели населени со диви племиња. Оптоварен со грижа на совеста, усрамен и во постојан страв расрдениот брат да не му влезе во траг, одбегнувал секоја средба со луѓето. Се плашел дека засекогаш го загубил благословот што Бог имал намера да му го даде, а сатаната бил готов да го мачи со искушенија.

Вториот ден навечер веќе бил мошне далеку од татковиот шатор. Чувствувал дека е изгнаник и знаел дека сите тие маки му ги донеле само неговите погрешни постапки. Темнина на очај му ја притискала душата и тој одвај се осмелувал да му се моли на Бога. Но, останувајќи наполно сам, тој, повеќе од кога и да е порано, чувствувал потреба од Божја заштита. Плачејќи и во длабока понизност го признал својот грев и најсесрдно се молел за некаков видлив доказ дека не е потполно напуштен. Но сепак неговото потиштено срце уште не нашло олеснение. Загубил секаква доверба во самиот себе, а се плашел дека го отфрлил и Бог - Бог на неговите татковци.

Но Бог не го напуштил Јакова. Тој сè уште бил милозливо наклонет кон својот заблуден и недоверлив слуга. Полн со милост, Господ на Јакова му го открил токму она што му било потребно - му го открил Спасителот. Тој згрешил, но срцето му било исполнето со благодарност кога пред себе го видел откриен патот по кој можел повторно да ја задобие Божјата наклоност.

Изморен од патот, патникот лежи на земја и, наместо перница, под глава става камен. На сон видел светла и блескотна скала чијашто основа била на земјата, а врвот ѝ допирал до небото. По неа се качувале и слегувале ангели; на врвот бил славниот Господ и
184 од небото се слушнал неговиот глас: „Јас сум Господ Бог на твојот татко Аврам, и Бог на Исака." Земјата на која изгнаникот спиел му била ветена нему и на неговото потомство со уверување: „Сите народи на земјата ќе се благословат во тебе и во твоето семе." Тоа ветување му било дадено на Аврама и на Исака, а сега му е повторено и на Јакова. А потоа, со посебен обѕир кон неговата моментна осаменост и тага, биле изговорени зборови на утеха и охрабрување: „И еве, јас сум со тебе, и ќе те пазам постојано каде и да појдеш, и ќе те вратам во оваа земја, и нема да те оставам сè додека не го извршам она што сум го рекол."

На Господа му биле познати лошите влијанија што го очекувале Јакова и опасностите што му се заканувале. Милосливо му ја открил на покајаниот изгнаник сета иднина за да може да ги сфати намерите што ги имал со него и да биде подготвен да им одолее на искушенијата на кои сигурно ќе биде изложен кога ќе се најде сам меѓу идолопоклоници и препредени луѓе. Требало постојано пред очи да му биде големата цел што морал да ја оствари; а свеста дека Божјата намера ќе се исполни преку него, постојано требало да го поттикнува кон верност.

Во оваа визија на Јакова му бил откриен планот на откупувањето, но не во целост, туку само во онаа мера колку што му било потребно во тоа време нему. Таинствената скала што ја видел на сон била истото она на што укажал Христос во својот разговор со Натанаила: „Отсега", кажал Тој, „ќе го гледате небото отворено и ангелите Божји како се искачуваат и слегуваат над Синот човечки" (Јован 1,51). Сè до мигот на човековиот бунт против Божјето владеење, човекот слободно и непречено одржувал врска со Бога. Но гревот на Адама и Ева ја одделил земјата од небото, така што човекот не можел веќе да разговара со својот Творец. Сепак, светот не е оставен во осаменост и безнадежност. Оваа скала го претставува Исуса, одбраниот Посредник за врска со небото. Кога Тој, со своите лични заслуги, не би го премостил амбисот што го создал гревот, ангелите, чијашто задача е да бидат чувари и заштитници, не би можеле да одржуваат никаква врска со паднатите луѓе. Христос е таа алка која човекот во неговата слабост и беспомошност го поврзува со изворот на бесконечната сила.

Сето ова му било откриено на Јакова во неговиот сон. Иако тој откровението веднаш го сфатил, сепак, големите и таинствени вистини на тоа откровение биле предмет на негово проучување во

текот на целиот негов живот, и со текот на времето му станувале сѐ појасни.

Кога Јаков се разбудил од сонот, била веќе длабока ноќ. Блескотните прилики од неговата визија исчезнале. Пред себе видел само нејасни и темни контури на осамените гори, а над нив небото постелено со блескотни ѕвезди. Сепак, го обземало свечено чувство дека Бог е со него. Самотијата на дивината ја исполнувало присуството на Невидливиот. „Навистина Господ е на ова место, а јас не знаев“, рекол Јаков. „Не е друго, туку дом Божји, ова е врата небесна.“

„И стана Јаков утредента рано, го зеде каменот што го беше 187
ставил под глава и го постави како спомен, па го прелеа со масло.“ Во сообразност со обичајот важните настани да се овековечат, Јаков тука подигнал споменик во знак на сеќавање на Божјата милост со цел, секогаш кога ќе намине по тој пат, да може да застане на тоа место и да се помоли на Бога. И тоа место го нарекол Ветил, што значи „Божја куќа“. Со длабока благодарност го повторил ветувањето што му го дал Господ дека секогаш ќе биде со него; а потоа склучил свечен сојуз (завет): „Ако Господ Бог биде со мене, и ме запази на овој пат, по кој одам, и ако ми даде леб да јадам и облека да се облекувам, и ако се вратам здрав во домот на мојот татко, и ако ми биде Господ Бог мој, тогаш овој камен што го поставив за спомен ќе ми биде дом Божји. И од сѐ што ќе ми дадеш, ќе ти давам Тебе десетти дел.“

Со овие зборови Јаков немал намера на Бога да му поставува услови. Господ и онака веќе му ветил благослов и напредок, а ова свечено ветување претставувало излив на чувствата на срцето кое било преполно со благодарност за Божјата милост и доказ на неговата љубов кон Бога. Јаков чувствувал дека Бог му поставил извесни барања што мора да ги исполни и дека треба со нешто да возврати за посебните знаци на Божјата наклоност кон него. Така и секој благослов што ни е подарен нам бара со нешто да му одговориме на Оној од кого потекнува секој добар дар и секоја благодат што ја примаме.

Христијанинот често треба да се осврнува на она што го преживеал и со благодарност да си спомене за ослободувањето што му го подарил Бог, поддржувајќи го кога бил во искушение, отворајќи му пат и излез кога сѐ изгледало завиено во темнина и надоместувајќи му ја силата што му била потрошена. Сето тоа тој треба да го смета за очигледни знаци на будната грижа и заштита на небесните ангели. Имајќи ги на ум сите тие безбројни благослови, тој често со понизно срце полно со благодарност треба да се запраша: „Што ќе му вратам на Господа за сите добра што ми ги стори?“ (Псалм 116,12).

Нашето време, нашите способности и нашиот имот треба да му
ги посветиме на Оној што ни ги дал тие благодати. Во секое осло-
188 бодување од некоја неволја, во секоја нова и неочекувана примена
благодат и милост, треба да ја видиме Божјата добрина; и нашата благодарност треба да ја покажеме не само со зборови туку, како Јаков, со дарови и со жртви наменети за напредок на неговото дело. Како постојано што ги примаме Божјите благослови, така постојано треба и да даваме.

„И од сѐ што ќе ми дадеш“, рекол Јаков, „десеттиот дел ќе ти го дадам тебе.“ Зар ние, кои уживаме полна светлина и кои се радуваме за сите предимства на евангелието, ќе се задоволиме на Господа да му даваме помалку отколку оние што живееле во поранешните времиња кога не постоеле толкави предимства? Зар нашите обврски не треба да бидат зголемени во иста мера во која ни се зголемени и благословите? Но колку е залудно да се обидуваме со математички бројки да го пресметуваме времето, парите и љубовта возвратени за онаа љубов која е безмерна и за дарот чијашто вредност е несфатлива. Десетти дел за Христа! О сиромашна милостињо и незначителна наградо за сѐ што е толку скапо платено! Од крстот на Голгота Христос бара неограничено пожртвување, потполна посветеност. Сѐ што имаме и што сме, треба да му го посветиме на Бога.

Со нова и истрајна вера во Божјето ветување и убеден во присуството на небесните ангели, Јаков го продолжил својот пат во „источната земја“. Но колку се разликувало неговото доаѓање од доаѓањето на Аврамовиот слуга, речиси сто години пред тоа! Слугата водел цела толпа момоци на камили, а носел и богати златни и сребрени подароци. Синот на Ревека стигнал како осамен патник, бос и без ништо, освен еден стап во раката, додека нозете му биле повредени од долгото одење пеш. Како и Аврамовиот слуга, Јаков застанал крај еден извор и тука ја сретнал Рахела, помладата ќерка на Лавана. Сега Јаков бил тој кој се понудил да направи услуга, подготвено го подигнал каменот од изворот за стадото да се напои. Откако се претставил и се открил како роднина, го примиле во куќата на Лавана. Иако дошол без придружба и без никаков имот, по неколку седмици се покажало колку чини неговата трудољубивост и вештина, па го молеле да остане. Било договорено Јаков да му служи на Лавана седум години за да ја добие Рахела за жена.

Во древните времиња бил обичај младоженецот, пред да се потврди свршувачката, да му исплати на таткото на невестата извесна сума во пари или соодветна вредност да надомести на некој друг начин, сообразно со своите можности. Тоа е сметано како некој вид заштита на брачната врска.

Татковците сметале дека е несигурно среќата на своите ќерки да им ја доверат на луѓе кои не се погрижиле за сè што е потребно за одржување на семејството. Ако не биле доволно вешти и способни да ги водат своите работи стекнувајќи земја или богатство во добиток, постоел страв дека нивниот живот би можел 189
да се покаже недостоен. Но за оние кои немале ништо со што би можеле да платат одреден износ за жената, било предвидено нешто друго. Тие можеле, наместо да платат, да работат извесно време кај таткото на девојката. Времетраењето на таа работа било одредено според вредноста на миразот што е баран. Ако момчето во службата се покажало верно и во секој поглед достојно, тогаш ја добивало ќерката на стопанот за жена и обично нејзе ѝ било дадено во мираз и сè она што го заработило нејзиното момче кај татко ѝ. Во случајот на Рахела и Лија, Лаван себично задржал сè што требало да им го даде; токму на тоа тие и мислеле кога, пред да заминат од Месопотамија, рекле: „Нè продаде па и нашите пари постојано ги јадеше.“

Тој стар обичај, иако често злоупотребуван, како и во случајот на Лавана, имал и свои добри страни. Кога идниот младоженец морал прво да служи за да ја добие невестата, со тоа била спречена предвремената женидба, а во исто време се давала можност да се испита и длабината на неговата љубов и способноста за самостојно издржување на семејството. Во наше време се раѓаат многу зла токму поради тоа што се постапува спротивно. Често се случува свршениците пред венчавањето да имаат мошне малку време и можност да ги запознаат навиките и природните склоности еден на друг; а што се однесува до секојдневниот живот, тие наполно се непознати еден на друг во мигот кога пред олтарот стапуваат во брачна заедница. Мнозина премногу доцна увидуваат дека не се едно за друго, а последица на нивната врска е доживотна несреќа. Често жената и децата страдаат поради таткованата небрежност, мрзливост или порочни навики. Кога карактерот на младоженецот би се испитувал според овој стар обичај пред венчавањето, би можеле да се избегнат многу големи несреќи.

Јаков за Рахела верно служел седум години, а тие години „му се сторија како седум дена, зашто ја сакаше“. Но себичниот и лаком Лаван, сакајќи толку верниот човек да го задржи како постојан слуга, свирепо и болно го измамил Јакова, подметнувајќи му ја Лија наместо Рахела. Фактот што Лија учествувала во таа измама толку влијаел врз Јакова, што никогаш не можел да ја сака. На неговото разочарување и прекорите Лаван му одговорил со понуда да служи уште седум години ако сака да ја добие Рахела. Освен тоа, таткото барал и Лија да не биде отфрлена за да не се срамоти семејството.

Така Јаков се нашол во мошне мачна и тешка положба. Најпосле решил да ја задржи и Лија и да се ожени со Рахела. Рахела повеќе ја сакал, па тоа предизвикало љубомора и завист кај Лија, и затоа
190 животот му бил загорчен со постојано соперништво меѓу сестрите.

Полни дваесет години Јаков останал во Месопотамија и му служел на Лавана кој, презирајќи ги сите обврски на роднинството, секогаш настојувал сите предимства на таа врска да ги искористи за себе. Лаван барал Јаков да му служи четиринаесет години за да му ги даде обете свои ќерки, а за другото време платата на Јакова десет пати му е менувана. Но Јаков сепак служел верно и трудољубиво. При последниот разговор, Јаков на Лавана живо му ја опишал својата неуморна ревност и многубројните неспани ноќи за да ги штити интересите на својот себичен и лаком господар. „Еве, дваесет години бев кај тебе: твоите овци и твоите кози не се јаловеа; а овни од твоето стадо не јадев. Што ќе заколеа ѕверовите, не ти носев, сам го надоместував; од мене го бараше она што ќе беше загубено дење или ноќе. Дење ме изнуруваше горештина, а ноќе мрзнев; и сонот ми бегаше од очите.“

Било неопходно пастирот своите стада да ги чува и дење и ноќе, зашто им се заканувала опасност од диви ѕверови и разбојници што ги имало многу и кои воопшто не се плашеле, создавајќи често вистински хаос во стадото кое не било совесно пазено. Јаков имал многу помошници кои биле вработени околу големото стадо на Лавана, но тој сам бил одговорен за сè. Цели годишни времиња тој лично морал да поминува при стадото за да го сочува во време на суша да не загине од жед, а во студените месеци ноќе да не премрзне. Јаков бил главен пастир, а другите слуги биле само потпастири. Секогаш кога би се загубила некоја овца, штетата би ја поднесувал главниот пастир, а тој од момоците, на кои им била доверена грижа за овците, барал строго да водат сметка за тоа стадото да се множи и да напредува.

Животот на пастирот, исполнет со жртва и труд, неговата нежност и сочувство кон тие немоќни созданија, доверени на негова грижа, го употребил вдахновениот писател за да прикаже некои од најскапоцените евангелски вистини. Христос е прикажан како пастир на својот народ. Тој видел како, по паѓањето во грев, неговите овци биле осудени да пропаднат на мрачните патишта на гревот. За да ги спаси оние што талкаат, ја напуштил својата слава и честа на
191 домот на својот Отец. Тој кажува: „Изгубена ќе најдам и истерана ќе вратам, ранета ќе превијам и болна ќе излекувам.“ „Но јас ќе ги спасам моите овци и тие нема веќе да бидат разграбувани“, „и полските ѕверови нема да ги јадат“ (Езекил 34,16.22.28). Неговиот глас се слуша како го повикува своето стадо да се засолнува дење

од горештините и Тој му е прибежиште и засолниште од поплава и дожд (Исаија 4,6). Неуморно се грижи за секоја овца; им помага на слабите, ги лекува болните, ги собира јагнињата, ги подига на гради и ги носи во прегратки. Затоа и неговите овци го сакаат него. „А по туѓ човек не одат, туку бегаат од него, оти гласот на туѓиот не го познаваат“ (Јован 10,5).

Христос вели: „Добриот пастир си ја полага својата душа за овците; а наемникот, кој не е пастир и кому овците не се негови, види ли волк да иде, ги остава овците и бега, а волкот ги разграбува и ги распрснува овците. Наемникот бега, зашто е наемник, и не се грижи за овците. Јас сум добриот Пастир и ги знам моите, и моите ме знаат мене“ (Јован 10,11-14).

Како главен пастир, Христос им го доверил своето стадо на своите слуги како потпастири и им заповеда да чувствуваат света одговорност за стадото што им е доверено, покажувајќи за него таков интерес каков што покажал Тој. Свечено им заповедал да бидат верни и, чувајќи го стадото, да им помагаат на слабите, да ги крепат изнемоштените и да ги штитат од ненаситните и гладни волци.

За да ги спаси овците, Христос го заложил својот живот и ги повикува своите потпастири да покажат љубов што ќе ја видат од неговиот пример. „А наемникот, кој не е пастир, чиишто овци не се негови“, не чувствува вистинско интересирање и приврзаност кон стадото; тој работи само за пари и се грижи само за себе. Неговото внимание е насочено само кон сопствена добивка, наместо да се грижи за добро на она што му е доверено. Кога ќе наидат опасности и тешкотии, таквиот пастир го напушта стадото и бега.

Апостол Петар ги опоменува и ги советува потпастирите: „Пасете го Божјето стадо, што го имате; надгледувајте го не присилно, туку драговолно и според Бога; не заради неправедна корист, туку од добро срце. И не како да управувате со народот, туку давајќи му пример на стадото“ (1. Петрово 5,2.3). А Павле додава: „Пазете, пак, на себе и на целото стадо, меѓу кое Духот Свети ве постави
за надгледници, за да ја пасете црквата на Господа и Бога, која ја 192
придоби Тој со својата крв. Бидејќи знам дека по моето заминување ќе се втурнат меѓу вас лути волци, кои нема да го штедат стадото“ (Дела 20,28.29).

Сите кои грижите и товарите што го придружуваат верниот пастир ги сметаат за непожелни, апостолот ги опоменува: „Надгледувајќи го не присилно; не заради неправедна корист, туку од добро срце“ (1. Петрово 5,2). Сите такви неверни слуги главниот Пастир радо би ги отпуштил.

Христовата заедница е откупена со неговата крв и секој треба да знае дека овците што се доверени на негова грижа се платени со

жртва што не може да се измери. Тој мора да смета дека вредноста на секоја од нив е непроценливо голема и дека мора да биде неуморен во своите напори за нивното здравје и напредок. Пастирот што е проникнат со Христов дух ќе го следи неговиот пример на несебичност и постојано ќе се залага за добро на она што му е доверено; под раката на таквиот пастир стадото ќе напредува.

Од сите ќе се бара точно да дадат сметка за својата работа. Учителот секој пастир ќе го праша: „Каде е стадото што ти беше дадено, твоето убаво стадо?“ (Еремија 13,20). Секој што ќе се најде верен ќе прими богата награда. „А кога ќе се јави Пастироначалникот, ќе добиете венец на слава што нема да свене“ (1. Петрово 5,4).

Кога на Јакова му здодеала службата кај Лавана и кога решил да се врати во Ханан, тој на својот тест му рекол: „Пушти ме да си одам во моето место и во мојата земја. Дај ми ги моите жени и моите деца за кои ти служев, и да си одам; а ти знаеш како ти служев.“ Но Лаван го наговорил да остане, велејќи му: „Гледам дека Бог ме благослови заради тебе.“ Знаел дека имотот му се зголемил под управа на Јакова.

Тогаш Јаков му рекол: „Малку беше она што го имаше додека не дојдов јас, но многу се намножи.“ Меѓутоа, како времето поминувало, Лаван станал завислив, зашто Јаков „се збогати многу, та имаше многу добиток, слуги, слугинки, камили и магариња“. Синовите на Лавана исто така биле зависливи како и нивниот татко, и до ушите на Јакова допреле нивните навредливи зборови: „Јаков зеде сè што беше на нашиот татко и од она што беше на нашиот
193 татко го доби цело тоа богатство. И виде Јаков дека лицето на Лавана не е спрема него како порано.“

Јаков уште одамна би го напуштил својот лукав роднина кога не би се плашел од средбата со Исава. Сега почувствувал дека му се заканува опасност и од синовите на Лавана кои, тврдејќи дека неговото богатство всушност е нивно, лесно можеле да се обидат и со сила да се доберат до него. Бил во голема недоумица и потиштен, не знаејќи што да стори. Но, споменувајќи си за ветувањето што му било милосливо дадено кај Ветил, својата грижа му ја предал на Бога и побарал упатство од него. На сон добил одговор на својата молитва: „Врати се во земјата на своите татковци и кај своите роднини и јас ќе бидам со тебе.“

Бидејќи Лаван не бил дома, на Јакова му се дала можност да си замине. Набрзина ги собрал стадата добиток и ги пратил напред, а потоа, земајќи ги жените, децата и слугите, ја преминал реката Еуфрат и итно се упатил кон горaта Галад, на границата на Ханан. По три дена Лаван дознал за нивното бегство и пошол во потера по нив; ги пристигнал седмиот ден од нивното патување. Бил многу

лут и решен да ги присили да се вратат, не сомневајќи се ниту малку во тоа дека ќе успее, зашто на своја страна имал многу повеќе свои луѓе. На бегалците навистина им се заканувала голема опасност.

Својата непријателска намера Лаван не успеал да ја оствари само затоа што се вмешал Бог да го заштити својот слуга. „Можев да ви здодеам“, рекол Лаван, „но Бог на вашиот татко ноќеска ми рече, велејќи: ’Внимавај со Јакова да не зборуваш ниту убаво ниту лошо’.“ Значи, не смеел ниту да го присилува да се врати со него ниту на враќање да го наведе со лукавство и ласкање. Лаван во свое време го задржал миразот на своите ќерки, кон Јакова се однесувал секогаш лукаво и сурово; а сега со дволичност, толку својствена за него, го прекорувал што заминал тајно, не давајќи му можност како татко да приреди проштална гозба, ниту да се поздрави и да се прости со своите ќерки и со нивните деца.

Одговарајќи, Јаков отворено го изнел Лавановото себично и дрчно однесување и апелирал на него да биде сведок за неговата верност и чесност. „Да не беше со мене Бог на мојот татко, Бог Аврамов и стравот на Исака со мене, ти секако би ме отпуштил празен. Но Бог ја виде мојата неволја и трудот на моите раце па те прекори вчера.“

Лаван не можел да ги побие наведените факти и затоа пред-
ложил да се помират и тоа да го потврдат со свечен сојуз. Јаков 194
се согласил и сојузот го потврдиле така што собрале куп камења. Таа толпа, направена во облик на столб, Лаван ја нарекол Миспа, „Кула стражарница“, или посматрачница, велејќи: „Бог нека гледа на мене и тебе откако ќе се разделиме еден од друг.“

„И уште му рече Лаван на Јакова: Еве го овој куп, еве го овој споменик, што го поставив меѓу тебе и мене; овој споменик нека биде сведок дека ниту јас нема да минам преку овој куп кај тебе, ниту ти кај мене ќе минеш преку овој куп и преку овој споменик за лошо. Бог Аврамов и Бог Нахоров нека суди меѓу нас! И Јаков се заколна со стравот на својот татко Исак.“

За да ја потврдат постигната спогодба, двете страни приредиле гозба. Ноќта ја поминале во пријатно расположение, а взори се разделиле и Лаван со својата придружба се вратил дома. Со таа разделба и изделување прекината е секоја врска што ги поврзувала Аврамовите деца со жителите на Месопотамија.

18

# НОЌ ПОМИНАТА ВО БОРБА

*Оваа глава е заснована на 1. Мојсеева 32 и 33 глава*

Иако Јаков го напуштил Падам-Арам затоа што Бог му заповедал така, сепак со страв и мошне загрижен се упатил по оној пат по кој пред дваесет години дошол како бегалец. Постојано пред очи му бил гревот што го сторил кога го измамил татка си. Знаел дека неговото долгогодишно изгнанство е непосредна последица на тој грев. Дење и ноќе размислувал за тие настани; во текот на целото патување совеста го мачела и го обвинувала. Кога во далечините се појавиле горите на неговото родно место, срцето на патријархот било длабоко возбудено. Сето минато живо му излегло пред очи. Споменувајќи си за гревот, во исто време си споменувал и за Божјата милост и за неговото ветување дека Бог ќе му помогне и ќе го води.

Бидејќи се приближувал кон целта на своето патување, самата помисла на Исава го вознемирувала со мрачни претчувства. По заминувањето на Јакова, Исав себеси се сметал за единствен наследник на целокупниот татков имот и богатство. Веста за враќањето на Јакова сигурно кај Исава ќе поттикне страв дека брат му доаѓа затоа за да го бара своето право на наследство. Сега Исав можел многу да му наштети на својот брат; да сакал, би можел да му се противстави со сила, и тоа не само со желба да му се одмазди, туку да се обезбеди себеси, никој да не му пречи во уживањето на богатството што толку долго го сметал за лична своина.

И во оваа пригода Господ на Јакова му дал знак дека ќе го штити. Кога поминувал јужно од горатa Галад, му се сторило дека гледа две групи небесни ангели кои оделе пред и зад неговата придружба, движејќи се заедно со неговата поворка како нејзини заштитници. Јаков си споменал за визијата што ја имал во свое време на сонот кај Ветил и му олеснило на срцето, зашто во тоа видел доказ дека при враќањето го пазат истите оние небесни весници што му вле-

вале храброст и надеж кога бегал од Ханан. „И Јаков рече: Ова е Божји логор. И тоа место го нараче Маханаим“ - „Две војски или 196
два логора.“

Сепак, Јаков чувствувал дека нешто мора да преземе заради својата безбедност. Поради тоа на својот брат му пратил гласници со помирлив поздрав. На тие гласници тој точно им кажал со кои зборови треба да гоословат Исава. Уште пред раѓањето на браќата - близнаците - било преткажано дека „постариот ќе му служи на помладиот“, и сеќавањето на тоа да не даде повод за горчина, Јаков на овие слуги им нагласил дека ги праќа „кај својот господар Исав“. А кога ќе бидат изведени пред Исава, треба својот господар да го прикажат како „слугата Јаков“. За Исав да не помисли оти Јаков се враќа како сиромашен патник со цел да ја бара оставината на татка си, Јаков се погрижил да ја дополни пораката: „А имам волови, магариња, овци и слуги и слугинки; затоа пратив да го известат мојот господар Исав, не би ли нашол твојот слуга милост пред тебе.“

Но слугите се вратиле со извештај дека Исав се приближува со четиристотини луѓе, а не му донеле никаков одговор со пријателска порака. Се чинело сосем сигурно дека Исав пошол да се одмазди. Сите во логорот ги опфатил страв. „А Јаков силно се уплаши и се загрижи.“ Да се врати назад - не можел, да продолжи напред - не се осмелувал. Неговите невооружени и незаштитени луѓе не биле приготвени за никаков непријателски судир. Затоа ги поделил во две групи - до колку едната биде нападната, другата да може да се спасува со бегство. Од своите бројни стада великодушно му пратил подароци на Исава со пријателска порака. Сторил сè што било во негова моќ да ја исправи неправдата што му ја нанел на својот брат и да ја отстрани опасноста што му се заканувала, а потоа покајнички повторно му се помолил на Бога за заштита. „Боже на мојот татко Аврам, Боже на мојот татко Исак, Господе Боже, ти, кој ми рече - Врати се во земјата каде што си роден, и јас ќе ти бидам добротвор! Не сум заслужил толкава милост и толкава вера што му ја направи на својот слуга, зашто само со стап го минав овој Јордан, а сега сум господар на два табора. Спаси ме од рацете на мојот брат, од рацете на Исава, оти се плашам од него, кога ќе дојде, да не ме убие мене, да ги убие мајките и децата.“

Само што пристигнале до потокот Јавок, се спуштила ноќ и Јаков своето семејство го пратил на другата страна од плиткиот поток, а тој останал сам. Решил ноќта да ја помине на молитва и сакал да биде сам со Бога. Бог би можел да го скрши и да го разнежни срцето на Исава. Патријархот во тоа гледал единствена своја надеж.

Тоа се случило во осамен планински предел каде што се криеле диви животни и каде што често се задржувале разбојници и убијци. Осамен и без заштита, Јаков во длабока болка се наведнал
197 кон земјата. Полноќ! Сè што му било најмило во животот било одвоено од него, изложено на опасност и смрт. Најтешко му паѓала мислата дека токму тој е крив што тие невини суштества се изложени на опасност. Со најсесрдно пекање и со солзи во очите му упатувал молитви на Бога. Одненадеж почувствувал нечија тешка рака на плеќите. Си помислил дека некаков непријател сака да го убие и се обидел да ја турне таа рака. Така во мракот се борел со некого. Не бил изговорен ниту еден збор, но Јаков ги употребил сите сили и ниту еден миг не попуштил во своите напори. Додека така се борел за својот живот, душата му ја притискало чувство на кривица; пред него излегувале неговите гревови за да го одвојат од Бога. Но во својата крајна душевна тешкотија си споменал за Божјето ветување и со сето срце преколнувал за милост. Борбата траела речиси сè до зори, кога непознатиот со својот прст го допрел неговото бедро, „на Јакова му се шина ногата". Тогаш патријархот го препознал карактерот на својот противник. Знаел дека се бори со небесен весник и дека поради тоа, и покрај натчовечките напрегања, не можел да го совлада. Тоа бил „заветниот Ангел" - Христос - кој лично му се открил на Јакова. Сега патријархот бил онеспособен, страдал од жестоки болки, но не попуштил. Сиот скршен и обземен со каење, цврсто го стегал ангелот: „Плачеше и му се молеше" (Осија 12,5), преколнувајќи го за благослов. Морал да добие уверување дека гревот му е простен. Физичката болка не можела да ги одврати неговите мисли од овој предмет. Одлуката му станувала сè поцврста, а верата посериозна и поистрајна сè до последниот миг. Обидувајќи се да се ослободи од него, ангелот рекол: „Пушти ме, зора е", но Јаков одговорил: „Не те пуштам додека не ме благословиш." Кога тоа би била дрска и горделива самоувереност, Јаков би бил моментно уништен; но тој, признавајќи ја својата недостојност, бил сигурен дека Бог, кој е верен кон заветот, нема да изневери.

Јаков јуначки се борел со ангелот „и победи" (Осија 12,4). Со понизност, со покајание и со целосна потчинетост, тој грешен, заблуден смртник, го совладал небесното Величество. Тој грчовито се држел за Божјето ветување, а срцето на бесконечната Љубов не можело да се оглуши на молбите на грешникот.

Сега на Јакова јасно му стоела пред очи заблудата што го навела со измама да се добере до правото на првородството. Тој немал доверба во Божјите ветувања, туку се напрегал со лични напори да го оствари она што Бог секако би го извршил во свое време и

на свој начин. Како доказ дека му е простено сè, неговото име, кое 198
до тогаш го потсетувало на сторениот грев, е заменето со ново име што требало да ја овековечи неговата победа. „Од сега името нема да ти биде Јаков, туку Израел, зашто храбро се бореше и со Бога и со луѓето и победи.“

Јаков го добил благословот за кој му копнеела душата. Му било простено она што го потиснал брата си и го измамил татка си. Така поминала кризата на неговиот живот. Животот му го загорчувале сомневање, очај, збунетост и грижа на совеста, но сега сè се изменило; настапил сладок мир на помирување со Бога. Не се плашел повеќе од средбата со брата си. Бог, кој му ги простил гревовите, можел да го ублажи и срцето на Исава да го прифати покајанието и скршеноста на својот брат.

Додека Јаков се борел со ангелот, друг небесен весник бил пратен кај Исава. Исав на сон го видел својот брат кој дваесет години како изгнаник бил одвоен од татковото огниште; бил очевидец на неговата болка што при своето враќање не може да ја затече мајка си жива; го видел опкружен со војска на Божји ангели. Овој сон Исав им го раскажал на своите војници и им наредил на Јакова да не му прават никакво зло, зашто со него е Бог на нивните татковци.

Конечно групите се приближиле една кон друга; пустинскиот поглавица на чело на своите воини, и Јаков со своите жени и деца, опкружен со пастири и слугинки и придружуван од непрегледни стада ситен и крупен добиток. Потпирајќи се на својот стап, патријархот истапил напред да се сретне со групата воини. Бил блед и истоштен од неодамнешната борба. Одел полека и од болки накривувал на секој чекор. Но лицето му зрачело радост и спокојство.

Забележувајќи го паталецот како накривува, „Исав истрча пред него, му падна околу вратот и го бакна, па обајцата се заплакаа“. Дури и срцата на грубите Исавови војници биле трогнати кога ја виделе таа глетка. Иако тој им го раскажал својот сон, тие не можеле себеси да си објаснат од каде наеднаш толкава промена кај нивниот поглавица. Иако ја виделе немоќта на патријархот, тие и не наслутувале дека токму таа слабост ја сочинувала неговата сила.

Таа страшна ноќ на потокот Јавок, кога уништувањето се чинело неизбежно, Јаков научил колку човечката помош е ништожна, а
потпирањето врз човечката моќ без основа. Видел дека единствена 201
помош може да му дојде од Оној на кого толку тешко му згрешил.

Немоќен и недостоен, тој се молел на Бога за милоста ветена на грешникот кој се кае. Тоа ветување го уверило дека Бог ќе му прости и ќе го прими. Побргу можат да поминат небото и земјата отколку тој збор да остане неисполнет; тоа било она што го одржувало во текот на целата страшна борба.

Таа ноќ, полна со страв и борба, Јаков ги преживеал маките и неволјите што го очекуваат Божјиот народ непосредно пред второто Христово доаѓање. Гледајќи го во свето видение тоа време, пророкот Еремија кажува: „Слушаме глас од смут и ужас, а не мир... О тешко, голем е оној ден, нема сличен на него; тоа е време на неволја за Јакова, но ќе се избави од неа“ (Еремија 30,5-7).

Кога Христос ќе престане да посредува за луѓето, тогаш ќе почне тоа време на маки и неволји. Тогаш ќе биде донесена неотповиклива одлука за секоја душа поединечно и нема да има повеќе крв на помирување која би можела да очисти од гревот. Кога Христос ќе го напушти своето место како посредник на човекот пред Бога, тогаш ќе биде дадена свечена изјава: „Кој чини неправда, нека чини неправда уште; и кој е осквернет, нека се осквернува уште; и кој е праведен, нека чини правда уште; и кој е свет, нека се осветува уште“ (Откровение 22,11). Божјиот Дух, кој го зауздува злото, тогаш потполно ќе се повлече од земјата. Како на Јакова што му се закaнувал неговиот расрден брат со смрт, така и на Божјиот народ ќе му се заканува опасност од безбожниците решени да го уништат. И како патријархот што се борел сета ноќ за да се ослободи од рацете на Исава, така праведниците ден и ноќ ќе пекаат пред Бога да ги ослободи од непријателите со кои ќе бидат опколени.

Сатаната Јакова го обвинувал пред Божјите ангели, полагајќи право да го уништи поради неговиот грев; тој и Исава го насрчил да појде против својот брат; и во текот на целата онаа долга ноќ на тешката борба на патријархот, сатаната се напрегал со сила да му наметне чувство на кривица за да го обесхрабри и да ја уништи неговата надеж во Бога. Кога Јаков, совладан со својата болка, не пуштајќи го ангелот, пекал со солзи, и небесниот Весник, испитувајќи ја неговата вера, исто така го потсетил на сторениот грев и се обидел да го турне. Но Јаков не дозволил да биде оттурнат.
202 Тој знаел дека Бог е милостив и се повикувал на неговата милост. Укажувал на фактот дека тој се покајал за своите гревови и барал ослободување. Кога размислил за целиот свој живот, речиси паднал во очај, но сепак цврсто се држел за ангелот и, пекајќи, ја повторувал својата сесрдна молба сè додека не победил.

Такво ќе биде и искуството на Божјиот народ во неговата последна борба со силите на злото. Тогаш Бог ќе ја испита нивната вера, нивната истрајност и доверба во неговата моќ да ги ослободи. Сатаната ќе настојува да ги заплаши со мислата дека нивната состојба е безнадежна, дека нивниот грев е премногу голем за да може да биде простен. Тие ќе бидат длабоко свесни за својата недостојност и кога ќе си споменат за својот живот, ќе загубат речиси секоја надеж. Но помислата на големината на Божјето

милосрдие и искреноста на нивното покајание ќе ги охрабрат да се повикуваат на ветувањата што им ги упатувал Христос и на безнадежните грешници кога се каеле. Нивната вера нема да попушти затоа што молитвата нема да им биде веднаш услишена. Тие цврсто ќе се држат за Божјата сила, како Јаков цврсто што се држел за ангелот, а нивната душа ќе пека: „Не те пуштам додека не ме благословиш!"

Кога Јаков не би се покајал порано за својот грев што првенечкото право го стекнал со измама, Бог не би ја примил тогаш неговата молитва, ниту толку милосливо би му го поштедил животот. Така, и во времето на неволјата, припадниците на Божјиот народ би биле совладани доколку би имале уште непокајани гревови што би излегувале пред нив додека ќе ги мачи страв и неизвесност; очајот би ја уништил нивната вера и тие не би имале смелост ниту сигурност да се молат на Бога за ослободување. Но, иако длабоко свесни за својата недостојност, тие не ќе имаат да откријат ниту еден скриен грев. Нивните гревови со Христовата откупителска крв веќе ќе бидат избришани и тие не ќе можат да се сетат за нив.

Сатаната мнозина наведува да веруваат дека Бог лесно ќе премине преку нивното неверство во помалку важните животни прашања; но, во својата постапка со Јакова Бог покажал дека Тој во никој случај не може да го потврди ниту да го одобри злото. Сите што се трудат своите гревови да ги скријат или да ги оправдаат и дозволуваат истите во небесните книги да останат непризнати и непростени, ќе бидат победени од сатаната. Колку повеќе сметаат дека се побожни и колку е повисока положбата што ја заземаат, толку нивниот случај во Божјите очи е пожалосен и потежок, а триумфот на големиот противник посигурен.

Историјата на Јакова е исто така доказ дека Бог нема да ги отфрли оние што биле измамени и наведени на грев, но со вистинско покајание се вратиле на вистинскиот пат. Со потчинување на соп- 203
ственото „јас" на Божјата волја и со цврста вера, Јаков го постигнал она што не можел да го постигне борејќи се со сопствени сили. Така Бог го научил својот слуга дека само божествената сила и Божјата милост можат да му го дадат оној благослов за кој толку многу жеднеел. Така ќе биде и со оние што ќе живеат во последните денови. Кога од сите страни ќе ги опкружат опасности и кога душата ќе им ја обземе очај, тогаш ќе мора да се потпрат само и единствено врз заслугите на Христовата крв. Со наша сила ние не можеме да сториме ништо. Во нашата безнадежна недостојност мораме да се потпреме врз заслугите на распнатиот и воскреснатиот Спасител. Не постои човек што ќе пропадне ако постапува вака. Пред очите на Семожниот стои долг црн список на нашите

гревови. Списокот е заклучен и ниеден од нашите престапи не е изоставен. Но Оној, кој пред толку време го слушнал покајанието на својот слуга, ќе ја чуе и нашата молитва проникната со вера и ќе ни ги прости нашите престапи. Тој тоа го ветил и Тој ќе го одржи својот збор.

Јаков одолеал затоа што бил истраен и решителен. Неговото искуство ја потврдува силата на истрајната молитва. Сега е време да научиме што значи ваквата постојана молитва и нескршлива вера. Најголеми победи на Христовата црква, или на христијанинот одделно, не се оние што се постигнуваат со талентот, со образованието, со богатството или со некакви други предимства или со условите поволни за човекот; тоа се победите што се постигнуваат во разговор на душата со Бога во тајна молитва, кога верата во душевната борба сесрдно се фаќа за раката на семожната Сила.

Оние што не се готови да отфрлат секој грев и сесрдно да бараат Божји благослов, нема никогаш ниту да го добијат. Но оние кои цврсто се држат за Божјето ветување како Јаков и кои се толку постојани и искрени како што бил тој, ќе успеат како и тој што успеал. „Зар Бог нема да ги заштити своите избраници кои викаат кон него дење и ноќе? Ви велам, бргу ќе ги одбрани“ (Лука 18,7.8).

19

# ЈАКОВ СЕ ВРАЌА ВО ХАНАН

*Оваа глава е заснована на 1. Мојсеева 34. 35. и 37 глава*

Преминувајќи ја реката Јордан, „Јаков дојде здрав во градот Сихем во хананската земја". Така молитвата на патријархот упатена во Ветил, Бог на мир пак да го врати во неговата земја, била услишена. Извесно време тој живеел во Сихемската долина. Пред повеќе од сто години Аврам првпат ги подигнал своите шатори и го изградил првиот олтар во ветената земја . Тука Јаков за „сто ковани пари" купил од синовите на Емора, таткото на Сихема, парче земја на кое подигнал свој шатор и олтар кој го нарекол „Ел-Елахе - Израел", што значи „Силен Бог Израелов" (1. Мојсеева 33,19.20). Исто како Аврам, и Јаков покрај своите шатори подигал жртвеник и сите членови на своето домаќинство ги повикувал да присуствуваат при принесувањето на утринска и вечерна жртва. Тука го ископал и бунарот на кој, седумнаесет векови подоцна, дошол Синот на Јакова и Спасителот и крај кој, одморајќи се од пладневната жега, им кажувал на своите зачудени слушатели за изворот чијашто вода „тече во живот вечен" (Јован 4,14).

Престојот на Јакова и на неговите синови во Сихемската долина завршил со насилство и со крвопролевање. Една ќерка на семејството била осрамотена и ожалостена, и двајца браќа вплеткани во убиство. Цел еден град бил опустен со колеж извршен во знак на одмазда поради незаконската постапка на еден непромислен младич. Почеток што довел до толку страшни последици било делото на ќерката на Јакова која „излезе да ги гледа девојките во тој крај", изложувајќи се на опасност од стапување во врска со неверници. Секој што бара задоволства меѓу оние кои не се бојат од Бога навлегува во областа на сатаната и се изложува на искушенија.

Свирепата вероломност на Симеон и Левие била предизвикана; сепак нивната постапка кон Сихемците претставува тежок грев. Тие мошне грижливо настојувале Јаков да не дознае за нивната намера, и кога дознал за веста за нивната одмазда, бил вчудовиден.

205 Лукавството и насилството на неговите синови длабоко го потресле и тој само рекол: „Ме смутивте и ме омразивте кај народот на оваа земја... Јас имам малку луѓе, а тие ќе се соберат против мене, ќе ме убијат, па ќе бидам истребен јас и мојот дом.“ Но болката и одвратноста со која тој дури и по педесет години гледал на оваа нивна крвава постапка, кога лежел во Египет на претсмртна постела, се гледа од неговите зборови: „Симеон и Левие се браќа, но направија оружје на неправда. Во нивните тајни да не влегува мојата душа и во нивниот собир да не учествува мојата слава... Проклет да е нивниот гнев, оти е жесток, и нивната лутина, зашто е свирепа“ (1. Мојсеева 49,57).

Јаков почувствувал дека постои причина за длабока понизност. Во карактерот на неговите синови се покажале свирепост и лага. Во неговиот логор имало лажни богови, а во извесна мера идолопоклонството нашло упориште дури и во неговото семејство. Дали можеби Господ, постапувајќи според нивната заслуга, ќе ги препушти на одмазда на околните народи?

Додека Јаков така бил притиснат со грижа и со страв, Господ го упатил да замине јужно оттаму, кон Ветил. Помислата на тоа место го потсетувала патријархот не само на неговиот сон за ангелите и на Божјето ветување, туку и на заветот што го дал тука дека Господ ќе му биде Бог. Пред да се упати на тоа свето место, решил да го очисти својот дом од трагите на идолопоклонството со кое бил осквернет. Поради тоа им наредил на сите членови на своето домаќинство: „Исфрлете ги идолите што се кај вас, па исчистете се и преоблечете се. Да се кренеме и да отидеме во Ветил; таму ќе направам жртвеник на Бога кој ме чу во денот на мојата неволја и беше со мене и ме спаси на патот по кој одев.“

Длабоко возбуден, Јаков ја повторувал историјата за својата прва посета на Ветил, како Господ тука му се открил во ноќно видение, додека како осамен патник, напуштајќи го шаторот на својот татко, бегал да го спаси животот. Оживувањето на спомените на Божјето чудесно постапување со него уште повеќе го разнежило неговото срце; неговите деца биле трогнати и ги обзела некаква смирувачка сила; тој тогаш на најуспешен начин ги приготвил да му се придружат во молитвата и во оддавањето чест на Бога кога
206 ќе стигнат во Ветил. „И му ги дадоа на Јакова сите идоли, што беа во нивни раце, и обетките, што ги имаа на ушите; и ги закопа Јаков под дабот кај Сихем.“

Бог пуштил страв кај жителите во таа земја, така што и не се обиделе да се одмаздат за колежот сторен во Сихем. Патниците непречено дошле во Ветил. Тука Господ повторно му се јавил на

Јакова и му го повторил своето заветно ветување. „А Јаков подигна споменик на истото место, каде што му зборуваше Бог - споменик од камен.“

Во Ветил Јаков доживеал жалост бидејќи ја загубил Девора, која долго била почитуван член на семејството на неговиот татко. Таа била доилка на Ревека и ја придружувала својата господарка од далечната Месопотамија во хананската земја. Присуството на таа стара жена за Јакова било мошне драгоцено зашто го потсетувала на неговото детство и младост, а особено на мајка му која толку нежно и толку многу го сакала. Девора ја закопале со изрази на тага и толку длабока жалост, што дабот под кој е закопана е наречен „Алон-Вакут“ - даб на плачот. Нејзиниот живот, исполнет со верна служба, и тагата за неа како член на домаќинството, се забележани во Божјата реч.

Од Ветил до Хеврон имало само два дена пеш, но тие два дена на Јакова му донеле голема болка - му умрела и Рахела. Двапати по седум години служел за неа, но љубовта кон неа сите тие мачни напори му ги правела мошне лесни. Колку длабока и трајна била неговата љубов се покажало многу години подоцна кога болен, пред скорашна смрт во Египет, го посетил Јосиф. Во таа пригода, оживувајќи ги спомените од својот живот, веќе остарениот патријарх нагласил: „А кога се враќав од Падан, при патувањето во хананската земја, недалеку од Ефрат, на моја жалост, умре мајка ти, Рахела. Ја закопав таму крај патот во Ефрат, сегашен Витлеем.“ Од сета семејна историја на својот долг и мачен живот, Јаков во своите сеќавања ја споменал само Рахела.

Пред својата смрт Рахела го родила и вториот син. Умирајќи го нарекла Венонија, но татко му му дал име Венијамин, „десна рака“ или „бастун на староста“. Рахела била закопана на местото каде што умрела, и тука е подигнат споменик за да ѝ се овековечи споменот.

На патот кон Ефрат уште едно мрачно злосторство го извалкало семејството на Јакова, поради што најстариот син Рувим ги загубил привилегиите и почестите на првородството.

Најпосле Јаков го завршил своето патување „и дојде кај својот 207
татко, Исак, во Мамрија, во Киријат-Арва, кој е Хеврон, каде што Аврам и Исак беа дојденци“. Тука останал сè додека татко му не умрел. За ослабениот и слеп Исак, пријатното внимание на тој одамна побегнат син било утеха за сите години што ги поминал во самотија и патила.

Јаков и Исав се сретнале крај претсмртната постела на татка си. Некогаш постариот брат тој настан го предвидувал како можност за одмазда, но од тогаш неговите чувства значително се измениле.

Потполно задоволен со духовните благослови на првородството, Јаков се откажал од своето право на богатото наследство на татка си во полза на постариот брат. Така тоа наследство му припаднало на Исава, што тој, впрочем, единствено го барал и го ценел. Нив меѓусебно не ги отуѓувала веќе никаква љубомора или омраза, но сепак се разделиле и Исав заминал во планината Сир. Покрај повисоките духовни добра за кои жеднеел, Бог, кој е пребогат со благослови, на Јакова му дал и земни благослови. Богатството на двајцата браќа „беше мошне големо, та не можеа да живеат заедно, ниту пак земјата каде што беа дојденци можеше да ги носи од мноштвото на нивниот добиток“. Таа разделба била во сообразност со намерите што ги имал Бог за Јакова. Бидејќи браќата меѓусебно многу се разликувале според своите верски убедувања, било подобро да живеат одвоено.

Исав и Јаков добиле потполно исто воспитание и сознание за Бога и обајцата слободно можеле да живеат според Божјите заповеди и да заслужат негова наклоност, но не постапиле обајцата на ист начин. Двајцата браќа се упатиле по различни патишта и нивните патеки сè повеќе се оддалечувале една од друга.

Затоа што имал можност да бира, Бог не го отфрлил тирански Исава, лишувајќи го од правото на благословите на спасението. Даровите на неговата милост преку Христа слободно му се достапни на секого. Човекот се запустува единствено ако сам, со сопствен избор, јури во пропаст. Бог во својата Реч ги изнел условите под кои секоја душа може да биде избрана за вечен живот - послушност на неговите заповеди со вера во Христа. Бог го избрал карактерот кој е во целосна хармонија со неговите закони, и на секого што ќе ја постигне мерката поставена во неговото барање, ќе му биде дозволено да влезе во царството на славата. Сам Христос рекол: „Кој верува во Синот, има живот вечен, а кој не верува во Синот, нема да види живот“ (Јован 3,36). „Не секој што ми вели: Господе, Господе, ќе влезе во царството небесно, но оној што ја исполнува
208 волјата на мојот небесен Отец“ (Матеј 7,21). А во Откровението Тој изјавува: „Блажени се оние што ги исполнуваат неговите заповеди за да бидат достојни за дрвото на животот и да влезат низ портите во градот“ (Откровение 22,14). Тоа е единствена можност на избор изложена во Божјата реч во врска со конечното спасение на човекот.

Одбрана е секоја душа која своето спасение го гради „со страв и трепет“. Избран е оној кој сака да се вооружи „со сето Божје оружје“ и истрајно да се бори во борбата на верата. Избран е оној кој сака да стражари во молитва, кој го истражува Светото писмо и не дозволува да биде поттикнат или наговорен на зло. Избран е оној кој во верата ќе остане цврст и постојан, прифаќајќи го секој

збор што излегува од Божјата уста. Благодетите и можностите на откупувањето му се достапни на секого; плодовите на откупувањето ќе ги уживаат оние што ќе ги исполнат поставените услови.

Исав ги презрел благословите на заветот. Тој повеќе ги сакал поминливите земни уживања отколку духовните добра и го добил она што го сакал. Изборот со кој засекогаш е одвоен од Божјиот народ тој го извршил сам и тоа со премисла. Јаков се определил за наследството на верата. Се потрудил до тоа да се добере со лукавство, со измама и со невистина, но Бог дозволил сторениот престап да го поттикне на поправање. И покрај сите горчливи искуства на своите подоцнежни години, Јаков никогаш не отстапил од својата цел ниту пак го напуштил својот избор. Искуството му покажало дека, обидувајќи се со човечка мудрост или со лукавство да се добере до благословот, всушност војувал против Бога. Самоувереноста била искоренета. Не се служел веќе со препреденост. Наместо со лукавство и со измама, неговиот живот сега се одликувал со едноставност и со вистина. Искуството го научило со искрена доверба да се предаде во рацете на Семожниот и во деновите на неволја и патила понизно да ѝ се предаде на Божјата волја. Пониските елементи на неговиот карактер биле уништени во огнената печка на неволјите; вистинското злато е пречистувано сè додека кај Јакова не се појавила незатемнетата вера на Аврама и Исака.

Од гревот на Јакова и од целата низа настани што ги предизвикал тој произлегло неизбежно влијание кое своите горчливи плодови ги открило во карактерот и во животот на неговите синови. Кога тие синови стапиле во зрели години, покажувале сериозни недостатоци. Во семејството се појавиле последиците на многуженството. Тоа страшно зло се заканувало да ги задуши и самите извори на вистинската љубов, а со своето влијание ги заслабувало 209
и најсветите врски. Љубомората на одделни мајки го загорчувала семејниот живот. Децата израснале како кавгаџии и неподложни на контрола, што животот на таткото го затемнувале со страшна загриженост и болка.

Но сепак, се нашол еден чијшто карактер забележливо се разликувал од другите. Тоа бил Јосиф, постариот син на Рахела, момче чијашто ретка лична убавина како да била само одблесок на внатрешната убавина на душата и срцето.

Чисто, вредно и весело, момчето покажувало и морална сериозност и цврстина. Ги слушало поуките на татка си и сакало да биде послушно на Бога. Особините со кои подоцна се истакнувало во Египет - кротоста, верноста и вистинитоста - уште тогаш се покажувале во неговиот секојдневен живот. Бидејќи мајка му не била веќе жива, му било наполно предано на татка си, а срцето на

Јакова било посебно врзано за тоа дете на неговата старост. „Израел го сакаше Јосифа најмногу меѓу сите свои синови.“

Но токму таа наклоност на таткото ќе стане причина за страдања и болки. Немудрото покажување на наклоност на Јакова кон Јосифа предизвикала љубомора и завист кај другите негови синови. Кога Јосиф го забележал лошото однесување на своите браќа, бил длабоко вознемирен. Се обидел на пријателски начин да им приговори, но со тоа само предизвикал уште поголема омраза и ујаденост. Тој не можел да гледа како тие грешат против Бога, и сè изнесувал пред татка си, надевајќи се дека неговиот авторитет ќе ги натера да се поправат.

Јаков претпазливо одбегнувал со свирепост или со строгост да не предизвика кај нив јарост. Длабоко возбуден ја изложил својата загриженост за своите деца и ги молел да имаат почит кон неговата седа глава и да не го осрамотат неговото име, а над сè барал од нив да не го обесчестуваат Божјето име со такво непочитување на неговите прописи. Посрамени што нивните гревови се обелоденети, се чинело дека тие млади луѓе се каат, но тие ги криеле своите вистински чувства кои сега станале уште полоши.

Кога Јаков пак, не мислејќи на последиците, му подарил на Јосифа шарена облека, скапоцена туника каква што носеле само угледните личности, тоа за нив било нов доказ за татковата пристрасност. Поради тоа тие се посомневале дека тој има намера да ги потисне постарите синови и првенечкото право да му го предаде на синот на Рахела. Нивната злоба уште повеќе се засилила кога момчето еден ден им го раскажало својот сон: „Врзувавме снопја во полето, и одеднаш мојот сноп се исправи, и застана простум, а вашите снопови се распоредија наоколу и му се поклонија на
210 мојот сноп.“

Тогаш браќата, исполнети со гнев и со завист, му рекле: „Можеби имаш намера да се зацариш над нас и да ни заповедаш?“

Набргу Јосиф сонил уште еден сон со слично значење, што исто така им го раскажал: „Видов уште еден сон, а тоа - сонцето и месечината и единаесет ѕвезди ми се клањаа.“ Овој сон е протолкуван како очигледен стремеж за првенство. Таткото, кој се нашол тука, го прекорил, велејќи: „Каков е тој сон што си го сонил? Зар јас и мајка ти, и браќа ти, ќе дојдеме тебе да ти се поклониме доземи?“ Наспроти привидната строгост на неговите зборови, Јаков верувал дека Бог на Јосифа му ја открил иднината.

Додека момчето стоело пред своите браќа со лице озарено од вдахновение со Духот, тие не можеле да го скријат своето чудење и восхитување; но не сакале да отстапат од своите лоши патишта и

ја мразеле чистотата што ги осудувала нивните гревови. Во срцето им се разгорувал истиот дух што го водел и Каина.

Барајќи пасишта за своите стада, синовите на Јакова морале да одат од место во место и често со месеци биле одвоени од дома. Токму по еден ваков случај тие се упатиле на едно место кое нивниот татко во свое време го купил од Сихема. Поминало извесно време од нивното заминување, а татко им не добил вест од нив, па се загрижил, имајќи ја на ум нивната свирепа постапка кон Сихемците. Затоа го пратил Јосифа да ги побара и да му донесе извештај за нив. Кога Јаков би го знаел вистинското расположение на другите свои синови кон Јосифа, во никој случај не би го пратил сам, но тие своите чувства грижливо ги криеле.

Јосиф со радосно срце се разделил од татка си; ниту старецот ниту момчето и не сонувале што сè ќе се случи пред пак да се видат. Кога Јосиф по долг и тежок пат стигнал во Сихем, таму не можел да ги најде своите браќа и нивните стада. Распрашувајќи се за нив, бил упатен во Дотаим. Патувал над осумдесет километри, а сега требало да оди пеш уште над дваесет, но брзал, и така замислен заборавил на својот умор; мислел само на тоа својот стар татко да го ослободи од грижата и да ги пронајде своите браќа кои, и покрај нивната суровост, сè уште ги сакал.

Неговите браќа го виделе кога им се приближувал. Силината на нивната омраза не стивнала со помислата на неговиот долг пат преминат само затоа за да ги најде, на уморот и гладот ниту на нивната должност да му укажат должно гостопримство и братска љубов. Самиот поглед на онаа шарена облека, доказот на татковата љубов, ги исполнувал со избезуменост. Подбивно извикнале: 211
„Еве го оној што сонува соништа!“ Зависта и одмаздата, одамна негувани и прикривани во нивното срце, сега наполно завладеале со нив. „Ајде сега да го убиеме“, рекле, „и да го фрлиме во некоја од овие јами, па ќе кажеме дека го изел див ѕвер. Тогаш ќе видиме што ќе биде од неговите соништа.“

Кога не би бил Рувим, тие би ја исполниле својата намера. Но тој се исплашил од помислата да учествува во убиството на својот брат, па предложил Јосифа жив да го фрлат во една дупка, таму сам да умре. Меѓутоа, Рувим имал намера подоцна да го спаси Јосифа и жив да го врати кај татка си. Бидејќи успеал и другите браќа да ги наговори да го прифатат неговиот план, се оддалечил од нив, плашејќи се дека не ќе може доволно да ги совлада своите чувства, па со тоа можеби ќе ја открие својата вистинска намера.

Не насетувајќи ја опасноста, Јосиф им се приближил, радосен што најпосле стигнал на целта од своето долго патување. Но, наместо очекуваниот поздрав, бил вџашен од острите и осветољу-

биви погледи на кои наишол. Го фатиле и ја слекле од него неговата шарена облека. Ваквата постапка и ваквите отворени закани сведочеле за нивните убиствени намери. На неговите најсесрдни преколнувања немало одговор. Тој целосно бил во власт на тие избезумени луѓе. Прво на најсуров начин го довлечкале до една длабока јама и го турнале во неа. Откако се увериле дека нема никаква можност да се спаси, го оставиле таму да умре од глад, а тие сами „седнаа да јадат".

Но на некои од нив тоа уште не им било доволно; во оваа одмазда не е најдено она задоволување што тие го барале.

Набргу потоа забележале група патници што им се приближувала. Тоа бил карван на Исмаелци од другата страна на реката Јордан кои патувале во Египет, носејќи мирудии и разна друга стока. Тогаш Јуда предложил својот брат да го продадат како роб на тие трговци наместо да го препуштат на смрт. Така ќе се ослободат од него на сигурен начин, а нема да ги извалкаат рацете со неговата крв. „Бидејќи тој ни е брат", нагласувал Јуда, „тој е наше тело". Со тој предлог веднаш сите се согласиле и бргу го извадиле Јосифа од јамата.

Кога Јосиф ги видел трговците, веднаш му била јасна ужасната стварност. Од страшната судбина да стане роб се плашел повеќе отколку од смртта. Во агонијата на стравот ги преколнувал еден по еден сите свои браќа, но напразно. Некои од нив навистина биле трогнати од сожалување, но се плашеле да не бидат исмеани, и затоа останале неми. Сите чувствувале дека отишле премногу далеку за да можат да се вратат. Ако Јосиф би бил поштеден, тој секако би му кажал на татка си, кој не би можел да премине лесно
212 преку нивната свирепост кон неговиот најмил син. Срцата им останале нечувствителни пред неговото пекање и тие го предале во рацете на незнабожечките трговци. Карванот го продолжил патот и набргу се изгубил од вид.

Рувим се вратил кај јамата, но Јосифа веќе го немало таму. Сиот исплашен и осудувајќи се самиот себеси, ја искинал својата облека и ги побарал другите браќа, викајќи: „Го нема детето, а јас што ќе правам?" Кога дознал за судбината на Јосифа и кога сфатил дека не може да го врати, бил присилен да им се придружи на другите во обидот да ја скријат својата кривица. Потоа заклале јаре и со неговата крв ја натопиле облеката на Јосифа, па му ја пратиле на татка си со напомена дека таа облека ја нашле во полето и дека се плашат оти тоа би можело да биде облеката на нивниот брат. „Види дали е тоа облеката на твојот син или не", биле нивните зборови. Тие таа сцена ја очекувале со страв, но не се надевале дека ќе мораат својот татко да го гледаат потонат во тага и болка што

му го кинеле срцето. „Облеката е на мојот син“, рекол Јаков, „го изел див ѕвер. Јосиф навистина е растргнат.“ Попусто синовите и ќерките се обидувале да го утешат. Тој „ја раскина својата облека, па се препаша со покајнички кострет околу себе и тагуваше за сина си долго време“. Се чинело дека ниту времето не можело да ја олесни ниту да ја уталожи неговата болка. „Со тага за мојот син ќе легнам в гроб“, липал во очај. Вџашени со она што го сториле, но плашејќи се од прекор на татка си, синовите на Јакова сепак во своето срце ја криеле вистината за сопствената вина која сега дури и ним им изгледала многу голема.

# 20

# ЈОСИФ ВО ЕГИПЕТ

*Оваа глава е заснована на 1. Мојсеева 39. и 41 глава*

Во меѓувреме Јосиф со своите господари патувал кон Египет. Кога карванот поминувал низ јужните граници на Ханан, тој можел да ги види рабовите на ритчињата под кои биле шаторите на неговиот татко. Споменувајќи си за својот мил родител, горко плачел во својата осаменост и болка. Повторно пред очи му излегла сликата од Дотаим. Ги видел своите намрштени браќа и ги чувствувал нивните грозни погледи. Во ушите му се одгласувале подбивните и навредливи зборови со кои одговарале на сите негови очајни пекања. Со страв во срцето гледал во својата иднина. Каква промена! Од нежно сакан син - немоќен и презрен роб! Каква ли судбина допрва го очекува во таа туѓа земја во која сега оди и каде што ќе биде сам и без пријатели? Јосиф од почеток паднал во безмерна болка и страв.

Но, според Божјето провидение, дури тоа искуство требало да му служи на благослов. Само за неколку часови го научил она што инаку со години не би го научил. Со својата голема и нежна љубов кон него, татко му згрешил што бил пристрасен и што премногу се грижел за него. Таа немудра наклоност ги разбеснила неговите браќа и кај нив предизвикала постапка што го разделила од родниот крај. Последиците на сето тоа имале одглас во неговиот карактер. Имало грешки што порано биле поттикнувани, а кои сега требало да се исправат. Тој бил задоволен со себе и строго точен. Навикнат на нежното внимание и грижа од својот татко, сега се чувствувал неподготвен за тешкотиите што го очекувале во горчливиот и незгрижен живот на роб во туѓина.

Тогаш мислите му се упатиле кон Бога на неговите татковци. Во детството го учеле да го сака тој Бог и да се бои од него. Често во шаторот на татка си ја слушал историјата за визијата што му била покажана на Јакова кога како бегалец и изгнаник бегал од дома. Слушал за ветувањата што му ги дал Господ на Јакова и како тие

биле исполнети; како во тешките мигови дошле Божји ангели и 214
му дале вистински упатства, го тешеле и го штителе. Дознал и за Божјата љубов со која за луѓето е предвиден и Спасител. Сите тие скапоцени поуки сега живо излегувале пред него. Јосиф верувал дека истиот Бог, кој бил Бог на неговите татковци, ќе биде и негов Бог. Тогаш со сето срце му се предал на Господа и се молел „Чуварот Израелов“ да биде и со него во земјата на неговото изгнанство.

Душата му затреперила од длабока возбуда кога решил верно да му се предаде на Бога и во сите околности да постапи онака како што му прилега на приврзаникот на небесниот Цар. Решил да му служи на Господа со сето свое срце, пред своите животни искушенија да истапи храбро, во духовна сила и морална постојаност и секоја должност да ја изврши верно. Искуството на само еден ден претставувало преломна точка во Јосифовиот живот. Неговата страшна несреќа од разгалено дете создала промислен, храбар и самостоен човек.

Кога карванот стигнал во Египет, Јосиф му е продаден на Петефрие, командирот на царската стража, кај кого служел полни десет години. Тука бил изложен на искушенија од несекојдневен карактер. Се нашол среде идолопоклонство. Обожавањето на лажните богови било придружено со сета раскош на царскиот двор, а поддржувано со богатството и со културата на цела една, во тоа време најцивилизирана нација на светот. А сепак, Јосиф бил истраен во својата едноставност и верност кон Бога. Насекаде околу него се чувствувал и се гледал порок, но тој се правел како ништо од тоа ниту да види ниту да чуе. Не им дозволил дури ни на своите мисли да се задржуваат на она што е забрането. Желбата да биде привлечен од наклоноста на Египќаните не можела да го наведе да ги крие своите начела. Само кога би се обидел да го стори тоа, искушенијата би го совладале. Тој не се срамел од верата на своите татковци и не се обидел ниту да крие дека го почитува Јехова.

„И Господ беше со Јосифа, па затоа беше задоволен; и неговиот господар виде дека е Господ со него и дека сè што работеше, Господ правеше да успева во неговите раце.“ Од ден на ден Петефрие стекнувал сè поголема доверба во него, па најпосле го поставил за управител над сиот свој имот и му ги дал сите овластувања: „И остави во рацете на Јосифа сè што имаше, и не се грижеше веќе за ништо друго, освен за лебот што го јадеше.“

Забележливиот успех што го придружувал сè она што му било доверено на Јосифа не бил резултат на некое посебно чудо, туку Божји благослов ја крунисал неговата трудољубивост, совесност и претприемливост. Јосиф секој свој успех ѝ го припишувал на Божјата милост, па дури и неговиот идолопоклонички господар тоа

го сметал за тајна на неговиот беспримерен успех во секој потфат. Секако, успех не би имало без Јосифовите истрајни и добро сми-
217 слени напори. Бог бил издигнуван и славен со преданоста на својот верен слуга. Тоа била негова намера неговиот поклоник со својата чистота и исправност да се истакне во забележлива спротивност со идолопоклониците - за на тој начин светлината на божествената милост да може да заблеска среде темнината на незнабоштвото.

Благородноста и верноста на Јосифа го придобиле срцето на неговиот господар, и најпосле тој повеќе го сметал како син отколку како роб. Младичот така дошол во допир со угледни и учени луѓе и стекнал знаење од разни области на науката, јазикот и од областа на економијата - образование што му било потребно на идниот премиер на египетската држава.

Но Јосифовата вера и чесност морале да бидат проверени во огнот на искушенијата. Жената на неговиот господар се обидувала овој млад човек да го наведе да го прекрши Божјиот закон. До овој миг тој останал неизвалкан со расипаноста што цутела во таа незнабожечка земја; но како да му се противстави на ова искушение, толку неочекувано, толку силно и заводливо? Јосиф добро знаел што го чека ако не се согласи. На една страна стоеле прикривање, одобрување, уживање и награда, а на друга срам, темница, па можеби и смрт. Целиот негов иден живот зависел од таа моментна одлука. Дали ќе триумфира начелото? Дали Јосиф и натаму ќе му остане верен на Бога? Ангелите ја посматрале таа сцена со неопишана загриженост.

Одговорот на Јосифа покажува колкава сила имаат основните верски начела. Тој не сакал да ја изневери довербата ниту на земниот господар, а решил да му остане верен на својот небесен Господар, без оглед на тоа какви ќе бидат последиците. Пред очите на сезнајниот Бог и на светите ангели, мнозина си дозволуваат себеси слобода да сторат нешто што никогаш не би го сториле пред своите ближни. Но Јосиф прво помислил на Бога. „Како да сторам такво грдо зло и на Бога да му згрешам?“ - биле неговите зборови.

Кога секогаш би мислеле на тоа дека Бог гледа и чуе сè што правиме ние, дека за нашите зборови и постапки се води точен извештај и дека еден ден за сето тоа ќе одговараме - тогаш би се плашеле да грешиме. Младите секогаш нека имаат на ум дека Бог ги гледа секаде каде што се наоѓаат и што било да работат. Нему не може да му побегне ниту една наша постапка. Не можеме да ги скриеме нашите патишта од Сезнајниот. Човечките закони, колку и да се строги, често се престапуваат, а за престапот да не се дознае, и затоа останува неказнет. Но тоа не е случај со Божјите закони. Ниту најтемната ноќ не може да го засолни виновникот. Тој може

да мисли дека е сам, но на секоја негова постапка присутен е невидлив сведок. Пред Божјиот поглед дури ни побудите на нашето 218
срце не се скриени. Секоја постапка, секој збор, секоја помисла, с - ѐточно се бележи, како на светот да постои само тоа единствено лице, и како сето небесно внимание да е насочено само кон него.

Јосиф страдал поради својата чесност, зашто заводницата, не успевајќи во својата намера да го заведе, му се одмаздила обвинувајќи го за гнасно злосторство, поради кое бил фрлен во затвор. Кога Петефрие би им верувал на обвинувањата на својата жена, младиот Евреин би го загубил животот. Но чедноста и исправноста, кои постојано и доследно го краселе неговиот живот, претставувале доказ за неговата невиност; па сепак, за да се „спаси угледот" на куќата на неговиот господар, Јосиф бил немилосрдно деградиран, осрамотен и фрлен во затвор.

Во почетокот управителот на затворот со Јосифа постапувал мошне свирепо. Псалмистот кажува: „Нозете во пранги му ги ставија, околу вратот - алка железна; сѐ додека не се исполни тоа што тој го преткажа: Господовата реч тоа го докажа" (Псалм 105,18.19). Но вистинскиот карактер на Јосифа блескотел дури и во мракот на затворот; тој во својата вера и во своето трпение останал истраен. Како возврат за толку години верно служење, добил најсвирепа казна, но тоа не го разочарало, ниту ја загубил верата. Го имал оној мир што доаѓа од свеста за сопствената невиност и затоа својот случај целосно му го препуштил на Бога. Не го мачеле мисли за сопствена вина, зашто ја немал, туку настојувал да ја заборави својата болка, трудејќи се да ја ублажи тагата и патилата на другите. Дури и во затворот нашол можност за своето дело. Во таа школа на страдања, Бог го приготвил за поголема полезност во животот, а тој не ѝ се опирал на неопходната дисциплина. Во затворот, гледајќи ги последиците на угнетувањето, на тиранијата и злосторството, ја научил поуката за праведноста, за сочувството и милосрдието, поука што го приготвила својата идна власт да ја применува мудро и со сожалување.

Од ден на ден Јосиф сѐ повеќе ја задобивал довербата на управителот на затворот. Неговото однесување во затворот, правичноста во секојдневниот живот и сожалувањето кон сите што страдаат и тагуваат - му го отвориле патот кон идната благосостојба и чест. Одблесокот на секој зрак на светлината со кој ние ги осветлуваме другите, се гледа на самите нас. Секој збор, полн со љубов и милосрдие, упатен на оние што страдаат и тагуваат, секоја постапка преземена со цел да им се помогне на угнетените, секој дар даден на скудните, ако потекнува од вистински побуди, ќе ни донесе благослов.

219 Главниот пехарник и шефот на фараоновата лебарница биле затворени поради некои свои престапи, и така дошле под Јосифов надзор. Едно утро, кога забележал дека се мошне тажни, љубезно ги прашал што им е што се случува со нив. Тие обајцата одговориле дека сониле чудни соништа и дека многу би сакале да го дознат нивното значење. „Што значат, нели е тоа во Бога? Раскажете ми ги!“ - им рекол Јосиф. Кога секој го раскажал својот сон, Јосиф им ги протолкувал. Пехарникот третиот ден требало пак да се врати на својата работа, да му подава чаша на фараонот како и порано, додека лебарот, по наредба на царот, ќе биде погубен. Во обата случаја неговото толкување се исполнило.

Пехарникот во најголема можна мера му заблагодарил на Јосифа како за охрабрувачкото толкување на сонот, така и за мноштвото љубезни услуги и внимании. Во одговор на тоа - објаснувајќи му ја на најтрогателен начин неправедноста на своето темнување - Јосиф го замолил да се заземе за него пред царот. „Но кога ќе ти биде добро, сети се за мене“, рекол Јосиф, „и направи ми добро; спомни му на фараонот за мене и изведи ме од оваа тврдина, оти ме украдоа од еврејската земја; а овде ништо лошо не сум направил за да бидам фрлен во затвор.“ Пехарникот видел дека сонот во подробности му се исполнил, но кога му била вратена службата и наклоноста на царот, наполно го заборавил својот доброчинител. Така Јосиф темнувал уште две години. Надежта што горела во неговото срце постепено изумирала, а кон сите други искушенија се придружило уште и горчливото жило на неблагодарноста.

Меѓутоа, божествената рака била на дело и вратата на затворот само што не се отворила пред него. Египетскиот цар една ноќ сонил два сона што очигледно укажувале на ист настан и навестувале некоја голема несреќа. Тој не го сфатил нивното значење, а сепак тоа не престанало да го вознемирува. Сите мудреци и гатачи на неговото царство не можеле да ги протолкуваат. Збунетоста и загриженоста на царот сѐ повеќе растеле и целиот двор го обзел страв. Општата возбуда го потсетила пехарникот на неговиот некогашен сон и на неговото толкување. Така најпосле се сетил на Јосифа, и совеста го каснала поради неговата толку голема заборавност и неблагодарност. Веднаш му раскажал на царот како еден млад Евреин, кој заедно со него бил во затворот, им ги протолкувал соништата и нему и на шефот на царската лебарница, и како тоа толкување точно се овистинило.

220 За фараонот било непријатно понижување да ги заобиколи мудреците и гатачите на своето царство и за совет да му се обрати на некаков странец и роб, но бил подготвен и на најголемо понижување само да најде олеснение и мир за својот вознемирен

дух. Веднаш пратиле по Јосифа. Тој во затворот се преслекол и се остригол, зашто косата во текот на долгото темнување и немилоста многу му пораснала. Потоа го извеле пред царот.

Тогаш фараонот му рекол на Јосифа: „Сонив сон, а никој не може да ми каже што значи; а за тебе слушам дека умееш да толкуваш соништа. Јосиф му одговори на фараонот и рече: 'Без Бога не може да му се даде на фараонот точен одговор.'" Одговорот на Јосифа ја открива неговата скромност и неговата вера во Бога. Понизно ја одбил честа со која лично нему му се припишувала мудроста. „Без Бога не може да му се даде на фараонот точен одговор." Единствено Бог може да објасни секоја тајна.

Потоа фараонот го раскажал својот сон. „Сонив како стојам крај брегот на реката; и одеднаш - од реката излегоа седум дебели и убави крави, па почнаа да пасат по брегот; и ете, по нив излегоа други седум крави, многу грди и слаби во телото, какви што не сум видел полоши во целата египетска земја, толку грди крави. И овие крави, слаби и грди, ги изедоа оние седум дебели. А кога им беа во стомакот, не се познаваше дека им се во стомакот, туку пак беа така грди како порано. Тогаш се разбудив. Па пак сонив, а тоа - седум класја израснаа од едно стебло, јадри и убави; а по нив израснаа седум тенки и празни класја, исушени од ветер. И седумте празни класја, исушени од ветрот, ги проголтаа седумте јадри и убави класја. И сево ова им го раскажав на гаталците, но ниеден не знаеше да ми објасни."

„А Јосиф му рече на фараонот: 'Сонот на фараонот е еден: Господ му јавува на фараонот што ќе прави.'" Седумте следни години ќе бидат мошне родни. Полињата и сета земја ќе бидат многу повеќе штедри од кога и да е порано. А по овој период, ќе уследат седум години на глад. „Ќе се заборави сето она изобилство во египетската земја, и глад ќе ја сотре земјата." Тоа што сонот се повторил, било доказ дека навистина ќе се овистини и дека тоа ќе се случи наскоро. „А сега фараонот нека побара човек мудар и разумен, па да го постави над египетската земја. И нека заповеди
фараонот да бидат поставени старешини по земјата, па да собираат 221
петина од сите жетви во египетската земја во текот на седумте родни години; нека собираат тие секаква зрнена храна во седумте родни години што доаѓаат; житото да го собираат во градовите со овластување од фараонот и храната во градовите да се чува. И таа храна да биде запазена за седумте гладни години што ќе настапат во египетската земја за де не пропадне земјата од глад."

Толкувањето било толку разумно и логично, а предложените насоки се дадени толку добро и остроумно, што во точноста не можело да се сомнева. Но на кого да му го довери изведувањето

на овој план? Од тој мудар избор зависело одржувањето на целиот народ. Царот бил вознемирен и целата таа работа за извесно време била земена во разгледување. Монархот од пехарникот дознал за Јосифовото мудро и вешто раководење со сè што му било доверено во затворот. Било јасно дека Јосиф располага со високо развиени способности. Сиот исполнет со самопрекори, пехарникот се трудел својата поранешна неблагодарност да ја исправи на тој начин што својот доброчинител најтопло го пофалил, а натамошното распрашување на царот ја докажало точноста на неговите наводи. Во целото царство Јосиф бил единствен човек надарен со мудрост да укаже на опасноста што му се заканувала на царството и да ја истакне неопходноста од подготовка за отстранување на таа опасност. Царот се уверил дека тој навистина е најспособен да го изведе планот што сам го предложил. Било јасно дека Јосиф располага со божествена моќ, бидејќи ниеден меѓу царските државници не бил толку способен во тоа критично време да ја поведе државата. Фактот што Јосиф бил Евреин и роб не значел многу кога на тоа му е противставена неговата мудрост и неговото здраво расудување. „Можеме ли да најдеме човек каков што е овој, во кого е Божјиот Дух?“ - ги прашал царот своите советници.

Одлуката паднала и Јосиф бил изненаден кога му соопштиле: „Бидејќи Бог тебе ти го откри сево ова, сигурно е дека нема човек толку мудар и разумен каков што си ти. Ти ќе бидеш над мојот дом, и целиот мој народ ќе го слуша твојот збор; само со престолот ќе бидам поголем од тебе.“ Тогаш фараонот го зел Јосифа да го облече со знаменита облека на неговата идна висока положба. „И го извади фараонот прстенот од својата рака и му го стави на Јосифа на рака, и го облече во облека од најфина ткаенина, и му стави златна веришка околу вратот. И заповеда да го возат во неговата втора кола, а гласник пред него да извикува: 'Поклонувајте се!' И го постави над целата земја.“

222 „Го постави за управител над својот дом, за надзорник над целиот свој имот: по своја волја да ги подучува неговите кнезови, на мудрост да ги учи неговите советници“ (Псалм 105,21.22). Од затвор Јосиф бил унапреден за господар над цел Египет. Тоа била положба од висока чест, но полна со тешкотии и ризици. На голема височина никој не може да стои безопасно. Како луњата што го остава скромниот цвет во долината негибнат, а на врвовите на планината ги корне и најсилните дрвја, така и оние кои во скромниот живот ја докажале својата чесност можат да бидат одвлечени во понор токму со оние искушенија што обично го следат световниот успех и земната благосостојба. Но карактерот на Јосифа им одолеал на искушенијата и на оние во тешки денови

и на оние во благосостојба. Тој покажувал иста верност кон Бога како во затворската ќелија, така и во фараоновата палата. Секогаш се чувствувал како странец во незнабожечка земја, далеку од своите роднини кои го почитувале Бога. Меѓутоа, тој цврсто верувал дека божествената рака ги насочува неговите чекори, и не престанувајќи да се потпира врз Бога, сесрдно ги прифатил своите нови должности. Преку Јосифа вниманието на фараонот и на египетските големци било насочено кон вистинскиот Бог; иако тие и натаму се придржувале кон своето идолопоклонство, сепак, научиле да ги почитуваат начелата покажани во карактерот и во животот на приврзаникот на Јехова.

Како Јосиф успеал да постигне таква цврстина на карактерот, таква исправност и мудрост? - Од своите најрани години тој повеќе се раководел од должноста отколку од личните склоности, и затоа чесноста, едноставната доверба и благородноста на детската природа донеле свој род во постапките на зрелиот човек. Чистиот и едноставен живот придонел за развитокот како на физичките, така и на духовните сили. Одржувајќи заедница со Бога со помош на неговите дела и посматрајќи ги големите вистини доверени на наследниците на верата, издигната е и облагородена неговата духовна природа, а неговиот ум засилен и изострен подобро отколку што би можело да го стори тоа какво и да е студирање. Верната совесност во сите должности и на секоја положба - од најниска до највисока - ги одгледале сите негови способности за највисока служба. Оној што живее сообразно со волјата на Творецот, си обезбедува себеси најчист и најблагороден развој на карактерот. „Стравот Господов е вистинска мудрост, а одбегнувањето на злото е разум“ (За Јова 28,28).

Малку се оние што сфаќаат колку ситниците во животот влијаат врз развојот на карактерот. Всушност, ниту една должност што треба да ја извршиме не е безначајна. Разноликоста на 223
околностите со кои се сретнуваме секојдневно е определена за да се провери нашата верност и да се оспособиме за поголеми задачи. Со верноста и приврзаноста кон начелата во извршувањето на секојдневните работи умот се навикнува барањата на должностите да ги става над задоволствата и личните склоности. Оние што се дисциплинирани на ваков начин не се колебаат меѓу доброто и злото, како трската што се повива на ветерот. Тие се верни кон својата должност, зашто се воспитани така што верноста и вистината им преминале во навика.

Чесноста на карактерот има поголема вредност отколку златото офирско. Без тоа не е можно да се стекне почит и човечко достоинство. Но карактерот не се наследува. Тој не може да се

купи. Моралните одлики и благородните умни способности не се последица на некаков случај. Најскапоцените дарови немаат вредност ако не се користат. Изградувањето на благороден карактер е доживотна задача и мора да биде резултат на грижливо вложени и истрајни напори. Бог дава можности, а успехот зависи од тоа како ние ќе ги искористиме.

21

# ЈОСИФ И НЕГОВИТЕ БРАЌА

*Оваа глава е заснована на 1. Мојсеева 41,54-56; и 42 - 50 глава*

Веднаш кога почнале родните години, почнала и подготовката за гладот што настапувал. Под раководство на Јосифа, во сите поважни места на египетската земја се изградени огромни складишта и се предвидени потребните мерки за чување на вишоците што ги ветувала богатата жетва. Истата постапка е применувана во текот на сите седум родни години, додека не се напластило толку многу жито, што не можело ниту да се пресмета колку го има.

А потоа настапиле седумте гладни години, како што претказал Јосиф однапред: „И настана глад по сета земја, а во целата египетска земја имаше леб. Но кога почна да гладува и египетската земја, народот му записка на фараонот за леб. А фараонот им рече на сите Египќани: Одете кај Јосифа, па како што ќе каже тој, така правете. А кога гладот се прошири по целата земја, ги отвори Јосиф сите житници и почна да им продава на Египќаните жито, оти гладот стана жесток и во египетската земја."

Гладот ја зафатил и хананската земја и силно се чувствувал и во оној дел од земјата каде што живеел Јаков. Кога слушнале за богатите резерви храна што ги собрал египетскиот цар, десеттемина синови на Јакова се упатиле во Египет да купат жито. Кога стигнале таму, и нив ги упатиле кај царскиот претставник, па со другите, кои дошле да бараат храна, и тие излегле пред господарот над египетската земја. И „му се поклонија со лицето до земја". „Јосиф ги препозна своите браќа, но тие него не го препознаа." Неговото еврејско име било заменето со ново, што му го дал царот, а меѓу првиот египетски министер, и момчето што тие им го продале на исмаелските трговци, имало малку сличност. Кога Јосиф ги видел своите браќа на колена пред себе, си споменал за своите соништа и пред неговите очи оживеале настаните од минатото. Одмерувајќи ги со остар поглед, веднаш забележал дека меѓу нив го нема Венијамина. Можеби и тој паднал како жртва на

225 подмолната свирепост на овие нескротливи луѓе? Тој решил да ја дознае вистината и затоа со строг глас им рекол: „Вие сте шпиони; сте дошле да видите каде е земјата слаба.“

„Не, господару“, му одговориле, „не сме шпиони, туку твои слуги што дошле да купат храна; сите сме синови на еден човек, чесни луѓе, и никогаш твоите слуги не биле разузнавачи.“ Тој сакал да дознае дали сè уште се толку безочни како што биле кога тој бил со нив. Освен тоа, го интересирало како е во неговата татковина, па сакал и тоа да го извлече од нив, иако знаел дека лесно можат да го излажат. Тој и натаму ги обвинувал, а тие одговориле: „Ние бевме дванаесет браќа, слугите твои, синови на еден човек во ханаанската земја; и ене, најмалиот денес е со нашиот татко; едниот го нема веќе.“

Правејќи се дека се сомнева во вистинитоста на нивните приказни и сомничејќи ги сè уште како шпиони, господарот им рекол дека сака да ги провери, барајќи деветмина од нив да останат во Египет, а еден да отиде и да го доведе најмладиот брат од дома. Ако не се согласат со тоа, тогаш навистина ќе ги смета како шпиони. Меѓутоа, синовите на Јакова не можеле да се согласат со тој предлог, зашто нивните дома би гладувале додека овој еден отиде да го доведе брата си, а тие дури тогаш да однесат жито. Освен тоа, кој меѓу нив би се согласил да отпатува сам, оставајќи ги своите браќа во затвор? Како би излегол пред очи на таткото под тие услови? Се чинело сосема извесно дека ќе бидат или погубени или ќе станат робови; ако го доведат Венијамина, секако, и тој би ја делел нивната судбина. Затоа решиле да останат и побргу да страдаат сите заедно отколку на својот татко да му создадат уште поголема болка, одделувајќи го од единствениот син кој уште му преостанал. Тогаш ги затвориле во затвор каде што останале три дена.

Во текот на минатите години, откако Јосиф не бил меѓу нив, карактерот на овие синови на Јакова значително се изменил. Порано биле зависливи, незауздани, склони кон измама, сурови и осветољубиви. Но сега, откако ги снашла неволја, се покажале како несебични, верни еден кон друг и предани на својот татко, почитувајќи го неговиот авторитет, иако и самите веќе биле средновечни луѓе.

Деновите поминати во египетскиот затвор за Јосифовите браќа биле денови на тагување и силна болка. За тоа време размислувале за своите гревови од минатото. Бидејќи Венијамина не можеле да го доведат, им се чинело сосема сигурно дека ќе бидат прогласени за шпиони, а не се надевале многу дека таткото ќе се согласи да се оддели од Венијамина. Третиот ден Јосиф наредил браќата повторно да бидат изведени пред него. Не се осмелувал и

натаму да ги држи во затвор бидејќи татко им и другите членови 226
на семејството за тоа време ќе страдаат од глад. „Ако сакате да останете живи“, им рекол тогаш, „еве што ќе направите, зашто јас се плашам од Бога: ако сте чесни луѓе, еден брат од вас нека остане овде под стража, а вие одете и однесете го купеното жито, колку што им треба на вашите семејства. А потоа доведете го кај мене најмалиот ваш брат за да се потврдат вашите зборови. Ако ли не, ќе загинете.“ Тие се согласиле со тој предлог, иако немале многу надеж дека татко им ќе го пушти Венијамина со нив да појде во Египет. Јосиф со нив зборувал преку преведувач, па мислејќи дека државникот не ги разбира, тие меѓусебе слободно разговарале и во негово присуство. Се обвинувале еден со друг поради својата некогашна постапка со Јосифа. „Тешко нам! Ова е казна поради нашиот брат; не ја почувствувавме маката на неговата душа кога ни се молеше, но ние се оглушивме. О затоа и нè снајде ова зло.“ Тогаш Рувим, кој во Дотаим имал намера да го спаси, рекол: „Зар не ви реков јас - не грешете му на детето? Но вие не ме послушавте; и еве, сега од нас се бара неговата крв.“ Слушајќи го сето тоа, Јосиф не можел да ги совлада своите чувства, па излегол надвор и плачел. Кога се вратил, наредил Симеона да го врзат пред нив и повторно да го вратат во затворот. Симеон бил поттикнувач на онаа свирепа постапка со братот и главен учесник во тоа злосторство, и затоа изборот сега паднал токму на него.

Пред да ги отпушти браќата, Јосиф наредил на секого да му се даде жито и потајно да им се стават парите озгора во вреќите. Биле снабдени за патот со храна и за себе и за добитокот. На патот, кога еден од нив ја отворил својата вреќа, се изненадил кога во неа нашол заврзок со сребро. Кога другите го слушнале тоа, не им било пријатно и се уплашиле. Си велеле еден на друг: „Зошто ни го стори тоа Господ?“ Не знаеле дали тоа треба да го сметаат како добар знак од Господа или Тој го дозволил тоа да ги казни за нивниот грев и да ги изложи на уште поголеми страдања. Се осведочиле дека Бог го видел нивниот грев и дека сега ги казнува.

Јаков загрижено ги очекувал своите синови да се вратат, и кога најпосле стигнале, сите членови на семејството се собрале околу нив слушајќи нестрпливо додека тие му раскажувале на татка си за сè што им се случило. Секое срце се исполнило со страв и загриженост. Однесувањето на египетскиот државник навестувало некое зло. Нивниот страв уште повеќе се зголемил кога ги
отвориле вреќите и во нив секој ги нашол своите пари. Стариот 227
татко извикнал во својата болка: „Децата ми ги запустивте; Јосифа го нема, го нема и Симеона, па и Венијамина ли ќе ми го земете? Сето ова на мене се струпа.“ Рувим одговорил: „Двата мои сина уби

ги ако не ти го доведам; дај го во мои раце, и јас ќе ти го вратам." Тие непромислени зборови не можеле да го смират Јакова. Негов одговор бил: „Нема да појде син ми со вас, зашто брат му умре и тој остана сам; па, ако се случи некоја несреќа на патот на кој ќе одите, стар ќе ме турнете со тага в гроб."

Но гладот продолжил и со текот на времето се потрошило житото донесено од Египет. Синовите на Јакова добро знаеле дека во Египет не вреди да се оди без Венијамина. Немале многу надеж дека ќе ја изменат одлуката на татка си, и молчејќи очекувале што ќе се случи. Сенката на гладот станувала сѐ потемна. Во загриженоста што се гледала на лицето на секој член на семејството старецот ја читал нивната потреба. Најпосле рекол: „Одете пак и купете ни малку храна."

Јуда одговорил: „Оној човек јасно ни рече: 'Да не се јавувате пред моето лице ако вашиот помал брат не дојде со вас.' Ако го пуштиш со нас брат ни, ќе одиме и ќе ти купиме храна. Ако пак, не го пуштиш, тогаш нема да одиме, оти оној човек ни рече - нема да го видите моето лице ако вашиот брат не биде со вас." Кога видел како татко му се колеба, продолжил: „Пушти го малиот со мене, па ќе се кренеме и ќе отидеме за да останеме живи - да не изумреме ниту ние, ниту ти, ниту нашите деца." Се понудил да гарантира за својот брат и да биде „виновен довека" ако Венијамин не биде вратен на татка си.

Јаков не можел и понатаму да се опира, па им заповедил на синовите да се приготват за пат. Им наредил да му понесат на оној државник подароци какви што уште можат да се понесат од земја во која владее глад - „малку балсам, малку мед, темјан, зачини, миризлива смола, ореви и бадеми" и двапати повеќе пари. „И земете го својот брат, па станете и пак одете кај оној човек." Пред да појдат неговите синови на пат полн со неизвесност, станал старецот, ги подигнал рацете кон небото и изговорил молитва: „А семоќниот Бог да ви даде да најдете милост кај оној човек, па да ви го пушти и другиот ваш брат, и Венијамина. А јас пак, ако треба веќе да останам без деца, па нека останам."

228 Така повторно се упатиле во Египет и се нашле пред Јосифа. Кога Јосиф го видел својот роден и единствен брат по мајка си, Венијамина, бил длабоко трогнат. Сепак, сѐ уште ги криел своите чувства, но наредил тие луѓе да ги одведат во неговата куќа каде што требало да се приготви заеднички ручек. Кога ги повеле во палатата на државникот, браќата на Јосифа се уплашиле дека ќе бидат повикани на одговорност поради парите најдени во нивните вреќи. Си мислеле дека сето тоа е намерно приготвено за да се најде изговор за нивно поробување. Во својата потиштеност, тие му се

обратиле на управникот на Јосифовата куќа и му раскажале под кои околности дошле во Египет. Како доказ за својата невиност му кажале дека ги вратиле парите пронајдени во своите вреќи, а донеле и други пари да купат храна. „Не знаеме кој ги ставил парите во нашите вреќи.“ А тој им одговорил: „Бидете мирни и не плашете се. Бог на вашиот татко ги ставил парите во вашите вреќи. Вашите пари беа кај мене.“ Тоа ја ублажило нивната загриженост, а кога им се придружил и Симеон, кого што го пуштиле од затвор, тие почувствувале дека Бог навистина е милостив кон нив.

Кога државникот повторно се нашол меѓу нив, тие му ги понудиле подароците и наведнувајќи се понизно, „му се поклонија до земја“. Тогаш Јосиф пак си споменал за своите соништа и откако ги поздравил гостите, веднаш ги прашал: „Како е вашиот стар татко за кого ми зборувавте? Дали е уште жив?“ „Добар е твојот слуга, нашиот татко; тој е уште жив“, му рекле тие и повторно се поклониле. Потоа неговиот поглед се запрел на Венијамина и прашал: „Дали е тоа вашиот најмлад брат за кого ми зборувавте?“ „Бог да ти биде милослив, синко!“ Но, совладан од чувството на нежност, не можел ништо повеќе да каже. „И, влегувајќи во една соба, плачеше таму.“ Откако се совладал и се прибрал, се вратил кај нив и почнале да јадат. Според класичните закони, Египќаните не смееле да јадат со припадниците на другите народи. Затоа синовите на Јакова јаделе сами на посебна трпеза, додека државникот, во сообразност со своето високо звање, секогаш јадел сам. Другите Египќани јаделе на друга трпеза. Кога седнале сите, браќата се изненадиле гледајќи како се наредени по старешинство. „И тој нареди по еден дел од јадењата што беа пред него да стават пред нив, а делот на Венијамина беше петпати поголем од делот на секого од нив.“

Пројавувајќи ваква посебна наклоност кон Венијамина, Јосиф сакал да види дали браќата и нему ќе му завидуваат и ќе го мразат како што правеле некогаш со него. Бидејќи сѐ уште мислеле дека Јосиф не го разбира нивниот јазик, слободно меѓусебно разго- 229
варале. Така тој имал можност да ги дознае нивните вистински чувства. И покрај тоа, сакал уште еднаш да ги провери па, пред да појдат, наредил неговата сребрена чаша да се стави во вреќата на неговиот најмлад брат.

Браќата весело се упатиле дома. Со нив биле Симеон и Венијамин. Добитокот им бил натоварен со жито, и сите чувствувале дека среќно ги избегнале опасностите што им изгледале неизбежни. Но само што излегле од градот, ги стигнал Јосифовиот слуга и ги обвинил: „Зошто враќате зло за добро. Не ли е тоа чашата со која пие мојот господар? И нема ли, секако, по неа да познае какви

сте. Лошо направивте со тоа.“ Постоело мислење дека таа чаша има некоја посебна особина да го открие отровот, ако во неа би се ставило нешто отровно. Во тоа време таквите чаши биле мошне ценети како заштита од труење.

На тоа обвинување што го подигнал слугата, патниците одговориле: „Зошто зборуваш, господару, такви зборови? Не, слугите твои такво нешто не можат да направат. Дури и парите, што ги најдовме при отворот на вреќите, ги донесовме од земјата хананска, па како можевме да украдеме од куќата на твојот господар сребро или злато? А при кого од слугите твои ќе се најде чашата, тој нека загине; а ние, пак, ќе му бидеме робови на нашиот господар. А тој пак, рече: Нека биде како што рековте; но во кого ќе се најде чашата, тој нека ми биде роб, а вие другите нема да бидете виновни.“

Веднаш почнал претрес. „И тие брзо ги симнаа своите вреќи, и ја одврза секој својата вреќа.“ Египќанецот прегледал сечија вреќа, почнувајќи од онаа на Рувима, па со ред до онаа на најмладиот. Во вреќата на Венијамина се нашла чашата.

Во знак на најголема жалост, браќата ја искинале својата облека и полека се вратиле во градот. Тие сами однапред го осудиле Венијамина да робува. Го следеле Египќанецот до палатата на државникот и, кога излегле пред него, паднале на колена. „Што сторивте?“, ги прашал. „Зар не знаевте дека човек, каков што сум јас, погодува и секако ќе може да разбере.“ Јосиф настојувал да ги наведе да го признаат својот грев. Тој никогаш не се растурал со некоја способност дека може да погодува тајни работи, но сакал кај нив да создаде верување дека може да ги чита тајните на нивниот живот.

230 Јуда одговорил: „Што да одговориме, господару наш? Што да кажеме или со што да се правдаме? Бог ја откри неправдата на твоите слуги. Еве, ние сме сите твои робови, господару, и ние и овој, во кого се најде чашата.“

„Но Јосиф одговори: Не, јас не го сакам тоа; кај кого се најде чашата, тој нека ми биде роб, а вие одете си со здравје кај вашиот татко.“

Во својата длабока болка, Јуда сега на колена се приближил кон Јосифа и почнал да пека: „Господару, дозволи да проговори твојот слуга пред тебе и твојот гнев нека не се истура врз твојот слуга, зашто ти си по фараонот.“ Трогателно и со убедливи зборови му ја опишал длабоката болка што го опфатила нивниот татко кога исчезнал Јосиф и неговото упорно опирање Венијамин да појде во Египет, бидејќи Венијамин бил уште еден единствен син кој останал од Рахела, а неговиот татко неа толку многу ја сакал. „И сега, ако отидам кај твојот слуга, нашиот татко, а ова дете да не биде со нас,

бидејќи душата негова е сврзана за душата на овој, и кога ќе види дека го нема детето, ќе умре; и слугите твои ќе го турнат твојот стар слуга, а нашиот татко, со тага в гроб. А твојот слуга ја зеде одговорноста за детето пред нашиот татко, велејќи: Ако не ти го доведам и не го изведам пред тебе, нека бидам виновен пред мојот татко довека. Затоа јас, твојот слуга, нека останам место детето, да му бидам роб на мојот господар, а детето нека си оди со своите браќа. Оти, како ќе се вратам кај мојот таткот, а детето да не е со мене? Не би можел да ја гледам тагата што ќе го снајде татко ми.“

На Јосифа му било доста. Тој кај своите браќа видел плодови на покајание. Сослушувајќи ја благородната молба на Јуда, наредил да се оддалечат сите, така што тој со овие странци останал насамо; а тогаш, прснувајќи во плач, извикнал: „Јас сум Јосиф, дали е татко ми уште жив?“

Браќа му се стаписале и занемеле од страв и изненадување. Зар египетскиот државник да биде нивниот брат Јосиф. Јосиф, на кого му завидувале, кого што сакале да го убијат, и кого најпосле го продале како роб! Пред очи им излегло сето зло што му го сториле. Си спомènале за тоа како ги презирале неговите соништа и како се труделе да го попречат нивното исполнување. Наспроти тоа, тие со својата постапка токму придонеле тие соништа да се остварат. А сега, бидејќи целосно се во негова власт, очекувале дека тој сигурно ќе им се одмазди за неправдата што морал да ја поднесе.

Гледајќи ја нивната загриженост и страв, им рекол пријателски: „Пристапете поблизу до мене“, и кога пристапиле, продолжил: „Јас сум Јосиф, вашиот брат, кого го продадовте во Египет. А сега, пак, 231
не жалостете се ниту да жалите што ме продадовте ваму, оти Бог ме прати мене пред вас за да ви го запази животот.“ Чувствувајќи дека веќе доволно страдале поради својата свирепост кон него, тој благородно настојувал да го отстрани нивниот страв и да ја ублажи горчината на нивните самопрекори.

„Оти има веќе две години откако настапи глад на земјата“, продолжил, „а остануваат уште пет години во кои ќе нема ни орање ни жетва. Затоа Бог ме прати пред вас за да ве зачува на земјата, а и да ви го запази животот со големо избавување. И така, не ме пративте вие ваму, туку Бог, кој ме постави како татко на фараонот и господар над целиот негов дом и кнез над целата египетска земја. Вратете се брзо кај татко ми и кажете му: ’Вака вели твојот син Јосиф: Бог ме постави за господар над цел Египет; дојди при мене ти и твоите синови, твоите внуци, твоите волови и сѐ што е твое.’ И ете, гледате со свои очи, и мојот брат Венијамин со свои очи гледа дека мојата уста ова ви го зборува. Потоа го прегрна брата си Венијамина и плачеше над него. А и Венијамин плачеше

над неговиот врат. И ги целива сите свои браќа и плачеше над нив, прегрнувајќи ги. Потоа неговите браќа разговараа со него." Тие понизно и скршено го признале својот грев и молеле за прошка. Долго ги мачел немир и грижа на совеста, и сега се радувале што тој е уште жив.

Веста за овој настан бргу допрела и до царот кој, настојувајќи на Јосифа да му искаже должна благодарност, го потврдил повикот упатен до семејството на Јосифа, нагласувајќи: „Сè што е најдобро во сета египетска земја е ваше." Така неговите браќа биле снабдени со богати резерви, со коли и со сè што било потребно за преселба на нивните семејства и на сите членови на придружба во Египет. На Венијамина Јосиф му дал побогати дарови отколку на другите браќа. Плашејќи се дека попатно ќе се расправаат, пред да појдат им наредил: „Немојте патем да се корите."

Синовите на Јакова се вратиле кај татка си со радосна вест: „Твојот син Јосиф е жив, и тој е господар над целата египетска земја."

232 На десеттемина браќа им преостанало уште едно дело на понизност. Дури тогаш му ја признале на татка си измамата и свирепоста што толку години му го загорчувале животот и нему и ним. Јаков не можел ниту да помисли дека тие би можеле да сторат толку страшен грев, но увидел дека сепак сè излегло на добро, па им простил на своите заблудени деца и ги благословил.

Набргу сите се упатиле во Египет. Стариот татко со своите синови и со нивните семејства, со стадата, со сиот добиток и со многубројни придружници. Со радосно срце патувале до Вирсавеја каде што патријархот принел жртва на благодарност и во молитва побарал од Господа гаранција дека Тој ќе биде со него. Ноќта му се јавил Господ велејќи: „Не плаши се да слезеш во Египет, оти таму ќе создадам од тебе голем народ. Јас ќе слезам со тебе во Египет и јас пак ќе те вратам ваму; и Јосиф ќе ги заклопи твоите очи."

Ова ветување: „Не плаши се да слезеш во Египет, оти таму ќе создадам од тебе голем народ", било мошне значајно. На Аврама му било ветено потомство многубројно како ѕвездите, но до тогаш избраниот народ многу бавно се множел. А хананската земја, тогаш понудена, не претставувала поволна почва за развиток на таква нација каква што била преткажана. Тогаш таа земја ја држеле во посед силни незнабожечки племиња од кои требало да биде одземена дури во „четвртото колено" (1. Мојсеева 15,16). За потомците на Израел да станат многуброен народ, тие би морале или да ги растераат староседелците на таа земја или со нив да се измешаат. Првото не можеле да го сторат зашто тоа не било во сообразност со божественото уредување; но, ако се измешаат со Хананците, би се изложиле на опасност да бидат заведени со

идолопоклонството. Меѓутоа, Египет давал услови неопходни за исполнување на божествената намера. Така им било ставено на располагање едно добро наводнувано и плодно земјиште, што давало големи можности за нивно брзо размножување. А бидејќи имале специфично занимање, морале во Египет да наидат на антипатии, „зашто за Египќаните сите пастири се нечисти“ - па поради тоа можеле како народ да останат потполно изделени и заштитени од учеството во идолопоклонството на Египќаните.

Кога пристигнале во Египет, веднаш сите се упатиле во Ге- 233
семската земја. Во тој правец во пресрет им се упатил и Јосиф со својата државничка кола, придружуван со владетелска придружба. Опфатен со една единствена мисла, додека срцето му било длабоко возбудено со непреодолив копнеж, тој потполно заборавил на достоинството на својата положба и на сјајот на својата околина. Забележувајќи ги патниците како се приближуваат, не можел веќе да ги совлада чувствата чиишто копнежи во текот на толку многу години биле задушувани. Скокнал од колата и потрчал да го прегрне татка си и да му изрази добредојде. Му паднал околу вратот и долго плачел. Тогаш „Израел му рече на Јосифа: ’Сега, бидејќи со свои очи видов оти си жив, можам да умрам.“‘

Јосиф повел петмина од своите браќа да ги претстави пред фараонот и да добие одобрение за земјата што ќе им припаѓа во иднина. Од благодарност што му ја должел и што му ја укажувал на својот прв министер, монархот би ги примил со почести што им се укажуваат на високи државни функционери, но Јосиф, верен на Јехова, сакајќи да ги сочува своите браќа од искушенијата на кои би биле изложени на незнабожечкиот двор, им советувал, кога царот ќе ги запраша, слободно да кажат со што се занимаваат. Синовите на Јакова го послушале тој совет и се потрудиле да кажат дека во оваа земја дошле само на привремен престој, а не во неа постојано да живеат. Со тоа однапред себеси си го задржале правото да се преселат кога ќе сакаат. За живеалиште царот им го доделил, како што и ветил, „најдоброто што постои во египетската земја“ - Гесемската покраина.

Набргу по пристигнувањето, Јосиф го извел и својот татко пред фараонот. Царските дворови за патријархот биле непознати и тој тука бил само странец и гостин. Меѓутоа, среде величествените сцени на природата одржувал врска со многу посилниот Владетел отколку што се земните цареви, па тогаш - свесен дека е повисок од фараонот - ги подигнал рацете и го благословил.

При својата прва средба со Јосифа Јаков изјавил дека радо би го завршил својот живот со тој радосен крај на сите грижи и таги. Но Бог му дал уште седумнаесет години да поживее мирно и повлечено

во Гесемската земја. Тие години му поминувале во среќна спротивност со оние што им претходеле. Тој кај своите синови видел докази за нивно вистинско каење. Видел дека неговото семејство располага со сите услови потребни да се развие во голема нација и цврсто верувал во ветувањето дека тие еден ден ќе се населат во Ханан. Бил опкружен со сите знаци на љубов и внимание што можел да му ги укаже првиот министер на Египет. Така среќен и задоволен што пак се нашол крај својот одамна загубен син, чесно
234 и на мир легнал во гроб.

Кога почувствувал дека му се ближи крајот, пратил по Јосифа. Сè уште цврсто верувајќи во Божјето ветување дека хананската земја ќе им биде дадена во посед, му рекол: „Ако сум нашол милост пред тебе, стави ја твојата рака под моето бедро и укажи ми милост и вети ми: немој да ме погребеш во Египет. Сакам да почивам кај моите татковци, затоа пренеси ме од Египет и погреби ме во нивниот гроб.“ Јосиф ветил дека ќе постапи така, но Јаков не се задоволил со тоа. Барал свечена заклетва дека ќе биде закопан кај своите татковци во Макпелската пештера.

Уште на една важна работа требало да ѝ се посвети внимание. Јосифовите синови требало званично да ги нареди меѓу синовите Израелови. Доаѓајќи на последен разговор со татка си, Јосиф ги довел и своите два сина, Манасија и Ефрем. Благодарение на својата мајка, децата биле поврзани со највисоките редови на египетското свештенство, а положбата на нивниот татко им отворал пат кон богатство и углед, ако решат да се поврзат со Египќаните. Но, желба на Јосифа била синовите да му останат соединети со неговиот народ. Тој својата вера во заветните ветувања ја покажувал со тоа што сакал неговите синови да се откажат од сите почести што можел да ги пружи египетскиот двор за да добијат места меѓу племињата на презрените пастири на кои им била доверена живата Божја реч.

Јаков рекол: „А сега, двајцата твои синови, кои ти се родија во египетската земја, пред да дојдам во Египет, нека бидат мои; Ефрем и Манасија, како што ми се Рувим и Симеон.“ Тие требало да бидат примени меѓу синовите на Јакова и секој од нив да биде родоначалник на едно израелско племе. Така на Јосифа му припаднала една од првенечките привилегии што ја загубил Рувим - двоен дел во Израел.

Очите на Јакова натежнале од старост, па не го забележал присуството на овие две момчиња; но, кога ги забележал контурите на нивниот лик, прашал: „Кои се овие?“ И кога добил одговор, додал: „Доведи ги кај мене да ги благословам.“ Кога татко им ги привел поблизу, патријархот ги прегрнал и ги бакнал, полагајќи ги

свечено своите раце врз нивните глави за да ги благослови. Потоа ја изговорил следната молитва: „Бог, по чијшто пат секогаш одеа пред него моите татковци Аврам и Исак, Бог, кој ми беше Спасител, откако сум настанал па сѐ до денешен ден, Ангелот, кој ме избавуваше од секое зло, нека ги благослови овие деца; со моето име и со името на моите татковци, Аврам и Исак, да се споменуваат, и да се намножат на земјата во многубројни мноштва.“ Тука немало никаква самоувереност и потпирање врз човечка моќ и вештина. Бог бил негов заштитник и потпора. Не се плачел на
тешките денови на своето минато; за своите јадови и искушенија 235
не зборувал веќе како за нешто што било „против“ него. Извирале само чувствата на милост, љубов и добрина што ги покажал Бог кон него во текот на неговиот патнички живот.

Кога благословувањето завршило, му рекол на својот син: „Еве, јас наскоро ќе умрам, но Бог ќе биде со вас и пак ќе ве одведе во земјата на вашите татковци.“ Тие зборови за идните поколенија, во текот на долгите години на робувањето и страдањата, биле сведоштво за неговата вера.

Најпосле сите синови на Јакова се собрале околу неговата претсмртна постела. Обраќајќи им се на своите синови, Јаков рекол: „Соберете се и послушајте, синови на Јакова, послушајте го својот татко Израел“, „... за да ви објавам што ќе ви се случи до крај.“ Често тој длабоко загрижен и вознемирен размислувал за нивната иднина и се обидувал некако да си го претстави себеси токот на развитокот на одделни племиња. А сега, додека неговите деца чекале да го примат неговиот последен благослов, него го обзел дух на пророштво и јасно му се прикажала иднината на неговите потомци. Го изговарал името на еден по еден од своите синови, му го опишал карактерот и накратко го прикажал идниот развиток на неговото племе.

*„Рувиме, сине мој првороден, ти си крепост моја и почеток на моите чеда; прв по достоинство и прв по сила.“*

Така таткото прикажал каква би требало да биде положбата на Рувима како првенец; но неговиот страшен грев во Мигдал-Едер го сторил недостоен за првенечкиот благослов. А потоа Јаков продолжил:

*„Ти бликна како вода, нема да имаш веќе првенство.“*

Свештенството му било доделено на Левие, царството и месијанското ветување на Јуда, а двојниот удел во наследството на Јосифа. Племето на Рувим никогаш не се издигнало до некоја примерна височина и достоинство во Израел. Тоа не било ниту толку бројно како она на Јуда, на Јосифа или на Дан, а било меѓу првите кои биле одведени во ропство.

Зад Рувима по години на старост биле Симеон и Левие. Тие се здружиле во свирепата одмазда над Сихемците и најмногу биле виновни што Јосиф бил продаден како роб. За нив е кажано:

*„Ќе ги разделам во Јакова, и ќе ги растурам во Израел.“*

236 При пребројувањето на Израелците непосредно пред влегувањето во Ханан, племето на Симеон било најмалечко. Мојсеј во својот последен благослов и не го споменува Симеона. Кога се настаниле во Ханан, ова племе добило само еден мал дел од она што му припаднало на Јуда, а семејствата што подоцна станале силни, создале разни населби и се настаниле надвор од границите на светата земја. И Левие не добил наследство, освен четириесет и осум градови, расеани низ разни делови на земјата. Меѓутоа, со својата преданост кон Јехова (за време на идолопоклонството кај Синај, заб. на прев.), кога другите племиња отпаднале, племето на Левие себеси си осигурило место во светата служба во Светилиштето и така проклетството се претворило во благослов.

Врвните благослови на првенечкото право му припаднале на Јуда. Значењето на неговото име - пофалба - се открива во пророчката историја на тоа племе:

*„Јудо, тебе ќе те фалат твоите браќа, и раците секогаш ќе ти бидат врз плеќите на твоите непријатели; и тебе ќе ти се клањаат синовите на твојот татко. Јудо, лаве мој мал! Од грабеж се издигаш, сине мој. Се наведнуваш и легнуваш како лав и лавица. Кој смее да те разбуди? Нема да недостасува кнез од Јуда, и водач од неговите бедра, сè дури не дојде Оној кому му припаѓа власта, и Тој е надеж на народите.“*

Шумскиот цар, лавот, е соодветен симбол за ова племе од кое требало да се роди Давид и Давидовиот син - „Оној на кого му припаѓа царскиот жезол“, вистинскиот „Лав од племето на Јуда“, на кого најпосле сите сили ќе му се поклонат и сите народи на светот ќе му укажат почит.

На повеќето свои деца Јаков им преткажал среќна иднина. Најпосле дошло на ред името на Јосифа и, додека призивал благо-

слови „над главата на изделениот меѓу браќата“, срцето на таткото се прелеало како преполна чаша:

*„Јосиф е мој издигнат син, ревносен син, мој најмлад син, свртен кон мене! Иако договорено те навредуваа, огорчуваа луто и иако силните ги управуваа стрелите во тебе, со сила се сотреа нивните лакови и ослабнаа мускулите на нивните раце од силната рака на Јакова; така твојот татко, Израел, ојакна од Бога. И ти помогна мојот Бог и те* 237 *благослови со благослов озгора од небото, и со благослов од земјата, со благослов од сите гради, од сите утроби. Благословите на твојот татко и на твојата мајка ги надминаа благословите на старите планини и благословите на вечните ридови; тие нека се спуштат над главата на Јосифа, избраниот меѓу браќата.“*

Јаков секогаш бил човек со длабоки и огнени чувства. Тој своите синови многу и нежно ги сакал и неговото сведоштво, упатено до секого од нив поединечно, не претставувало изливи на пристрасност, нарочна наклоност или пак огорченост. На сите им простил и сите ги сакал. Неговата татковска нежност се покажувала низ зборови кои охрабруваат и влеваат надеж; но врз него се спуштила Божја сила, па под влијание на пророчкиот дух бил присилен секому да му ја каже вистината, колку и да била таа болна.

Откако ги изговорил своите последни благослови, Јаков ја повторил заповедта во врска со местото на неговиот закоп. „Јас се прибирам при мојот род, погребете ме при моите татковци, во пештерата што е во нивата на Ефрона Хетеецот.“ „Таму ги погребаа Аврама и неговата жена Сара, таму го погребаа и Исака и неговата жена Ревека, а таму ја погребав и Лија.“ И така со последниот чин на својот живот ја покажал својата вера во Божјето ветување.

Последните години на Јакова биле квечерина на мир и спокојство по бурен и мачен ден. Над неговата животна патека се пластеле темни облаци, а сепак неговото сонце зашло потполно чисто, а неговите последни часови ги осветлиле небесни зраци. Светото писмо кажува: „Навечер ќе има светлина“ (Захарија 14,7). „Чувај ја простодушноста и пази ја правдата, миротворецот има потомство“ (Псалм 37,37).

Јаков грешел и многу страдал. Морале да поминат многу години на мака, грижи и тага од оној ден кога поради големиот грев морал да ги напушти шаторите на татка си како бегалец. Бил дојденик и без родно место, далеку од мајка си која никогаш веќе не ја видел; седум години работел за својата избраница што ја сакал, но сепак, само затоа за најпосле на безочен начин да го измамат; дваесет години поминал во тешка служба кај дрчниот и среброљубив

роднина; видел како богатството му се намножува и како синовите
околу него растат, но малку радост можел да најде во семејството
што го разјадувале завист, љубомора и неслога; тешко го растажил
и го тиштел срамот на единствената ќерка, па одмаздата на нејзи-
238 ните браќа, смртта на Рахела, неприродното злосторство на Рувима,
гревот на Јуда, свирепата измама и злосторството кон Јосифа -
колку долга и темна низа на зла што се надоврзувале едно на друго
и што морал да ги гледа. Постојано морал да ги жнее плодовите
на својот прв погрешен чекор. Често забележувал дека неговите
синови ги повторуваат гревовите за кои самиот тој бил виновен.
Но дисциплинирањето, колку и да било горчливо, ја исполнило
својата задача. Тоа поправање, иако болно, донело „мирен плод на
правдата“ (Евреите 12,11).

Вдахновението верно ги бележи грешките на добрите луѓе, на оние луѓе кои биле одликувани со Божје одобрение. Всушност, нивните грешки се прикажани многу поцелосно отколку нивните добродетели. На тоа мнозина се чудат, а на неверниците тоа им дава можност да ја исмеваат Библијата. Меѓутоа, токму тоа претставува еден од најсилните докази за точноста на Светото писмо во кое фактите не се разубавуваат и гревовите на главните личности не се прикриваат. Луѓето толку многу се подложни на предрасуди, што никогаш не можат потполно непристрасно да ја прикажат историјата. Кога Библијата би ја пишувале неинспирирани луѓе, тогаш карактерот на нејзините главни личности секако би бил прикажан во многу поповолна светлина. Но вака имаме поточен извештај за нивните искуства.

Луѓето на кои Бог им подарил голема милост и им доверил голема одговорност, понекогаш биле совладувани од искушенијата и грешеле, исто како и ние денеска што се напинаме, потклекнуваме и често паѓаме во заблуда. Нивниот живот, со сите нивни грешки и лудости, ни е откриен во целост за да ни послужи и како охрабрување и како опомена. Кога тие луѓе би ни биле прикажани како безгрешни, ние во нашата грешна природа би морале да очајуваме поради нашите слабости и недостатоци. Но кога гледаме како други, во исто толку безнадежни околности, какви што се нашите, сепак се бореле, како во искушенијата паѓале како и ние, па со Божјата милост сепак биле охрабрени да се борат и да победуваат, тогаш и ние ќе бидеме охрабрени во нашиот стремеж кон правда. Како и тие, иако понекогаш победени, сепак доаѓале при себе и биле од Бога благословени, така можеме и ние да станеме победници со Исусовата сила. Од друга страна, записите на нивниот живот можат да ни служат како опомена. Од тоа гледаме дека Бог во никој случај „не го правда виновниот“. Тој ги гледа гревовите и на оние

што му се најмили и со нив постапува дури и построго отколку со оние што немаат толкава светлина и одговорност.

По закопот на Јакова, повторно срцата на Јосифовите браќа ги 239
исполнил страв. И покрај сета негова љубезност и добрина покажани кон нив во сите околности на нивниот живот, свеста за нивниот грев сепак ги гонела да бидат недоверливи и застрашени. Можеби Јосиф, си мислеле тие, својата одмазда ја одложувал од почит кон татка си, и можеби сега има намера да ги казни со долго планираната казна за нивното злосторство. Не се осмелувале лично да излезат пред него, туку пратиле порака: „Татко ти остави клетва пред да умре и рече: Вака кажете му на Јосифа: 'Прости им ја на браќа ти неправдата и гревот што ти го направија; прости им го сега гревот на слугите на татковиот Бог.'" Таа порака Јосифа го трогнала до солзи; повикувајќи ги поради тоа, браќата дошле и паднале пред него велејќи: „Еве, ние сме твои слуги." Љубовта на Јосифа кон неговите браќа била голема и несебична, и не можел да ја поднесе мислата тие да се плашат од негова одмазда; тоа го заболело. „Не плашете се!", им кажал тој. „Зар сум јас наместо Бога. Вие мислевте лошо по мене, но Бог тоа го обрна во добро, за да се изврши она што денес се случува: да се прехранат многу луѓе. И им рече: 'Не плашете се, јас ќе ве прехранам и вас и вашите домови.'"

Животот на Јосифа е слика на Христовиот живот. Зависта ги навела Јосифовите браќа да го продадат како роб; мислеле на тој начин да го оневозможат тој да биде поголем од нив. А кога бил одведен во Египет, си ласкале себеси дека не мораат веќе да се вознемируваат поради неговите соништа, зашто отстраниле секоја можност тие да се овистинат. Но со нивните постапки управувал Бог, па се случило токму она што тие се обиделе да го спречат. Така и еврејските свештеници и старешини му завидувале на Христа, стравувајќи Тој да не го привлече вниманието на јавноста и да ги одврати луѓето од нив. Го убиле за да спречат Тој да стане цар, но со тоа тие само придонеле да се оствари токму тоа.

Низ своите страдања и робувањето во Египет, Јосиф станал спасител на целото семејство на својот татко. Сепак, тој факт ниту малку не ја намалува вината на неговите браќа. Исто така и Христовите непријатели, распнувајќи го Христа, всушност само придонеле Тој да стане Искупител на човештвото, Спасител на паднатиот род и Владетел на цел свет; но злосторството на неговите убијци е гнасно и заслужува презир исто толку колку и тогаш кога раката на божественото провидение не би управувала со настаните на слава на неговото име и за добро на човештвото.

Како Јосифа што го продале неговите браќа, така Христа еден
240 од неговите ученици им го продал на неговите најогорчени непријатели. Јосиф бил лажно обвинет и фрлен во затвор само поради својата чесност, поради својот морал и неговите добродетели. Така и Христос бил презрен и отфрлен затоа што неговиот праведен и несебичен живот претставувал постојан прекор за грешниците; и иако немал никаква вина, сепак бил обвинет и осуден само врз основа на изјави на лажни сведоци. А Јосифовото трпение и неговото мирно поднесување на неправдата, мачење и угнетување; неговата готовност да прости, неговата благородна добродушност и добронамерност кон неговите неправедни браќа - сето тоа е слика на Спасителот кој не се плачел туку ја поднесувал пакоста и малтретирањето од страна на безбожните луѓе и кој радо им проштава, не само на своите убијци, туку на сите што ќе дојдат кај него, што ќе ги признаат своите гревови и ќе побарат проштавање.

По смртта на татко му, Јосиф живеел уште педесет и четири години. Доживеал да ги види „синовите на Ефрема до трето колено; а и синовите на Махир, синот на Манасие, што се родија на колената на Јосифа“. Видел како неговиот народ се множи, како живее во благосостојба и напредува, но неговата вера во Божјето ветување дека Израел ќе се врати во ветената земја останала непоколеблива во текот на целиот негов живот.

Кога видел дека му се ближи крај, ги повикал околу себе своите роднини. Иако бил многу ценет и почитуван во земјата на фараоните, Египет за него сепак бил земја на негово изгнанство. Ставањето на знаење дека својата судбина ја врзал за судбината на Израел претставувало последен чин во неговиот живот. Последни зборови му биле: „Но Бог вас секако ќе ве посети и ќе ве изведе од оваа земја во земјата за која Бог им се заколнал на нашите татковци - на Аврама, на Исака и на Јакова.“ Затоа свечено ги заколнал синовите Израелови неговите коски да ги понесат со себе кога ќе појдат во хананската земја. „Потоа умре Јосиф кога имаше сто и десет години. И го положија во ковчег и го погребаа во Египет.“ И во текот на вековите што настапиле - вековите на тешко и мачно робување - тој ковчег служел како потсетник на последните зборови на Јосифа изговорени пред смртта, и за Израелците претставувал сведоштво дека нивниот престој во Египет е само привремен, бодрејќи ги своите надежи да ги сосредоточуваат кон ветената земја, зашто морало да дојде време на ослободување.

22

# МОЈСЕЈ

*Оваа глава е заснована на 2. Мојсеева 1-4 глава*

За да се снабди со храна за време на „седумте гладни години“, 241
египетскиот народ му го продал на владетелот својот добиток и својата земја, и на крај се обврзал на доживотно робување. Меѓутоа, Јосиф мудро се погрижил да го ослободи; дозволил да бидат цареви закупци, својата земја да ја земаат под наем и од остварените годишни приходи една петина да му даваат на царот.

Но децата на Јакова не биле присилени да ги прифатат овие услови. Благодарение на услугите што му ги направил Јосиф на египетскиот народ, тие, покрај тоа што за живеалиште им била дадена цела една покраина, биле ослободени од плаќање данок, а за сето време, додека траел гладот, обилно се снабдувани со храна. Царот јавно признавал дека Египет за своето изобилство, додека другите народи умирале од глад, треба да му заблагодари единствено на милосливото посредување на Јосифовиот Бог. Тој исто така увидел дека управувањето на Јосифа во значителна мера придонело за материјалното богатство на неговото царство, па затоа неговата благодарност се покажувала во посебни привилегии кон семејството на Јакова.

Меѓутоа, како времето одминувало, големиот човек, на кого Египет толку многу требало да му биде благодарен, заминал в гроб, а со него и поколението што ги уживало благословите на неговиот труд. „Тогаш во Египет се зацари нов цар кој не знаеше за Јосифа.“ Заслугите на Јосифа за народот нему не му биле непознати, но тој не ги признавал, настојувајќи да ги закопа и што побргу да ги турне во заборав. „И му рече на својот народ: ’Еве, народот на синовите Израелови е многуброен и посилен од нас. Па ајде да ги надмудриме за да не се размножуваат; и, ако настане војна, да не се здружат со нашите непријатели и да удрат на нас, па да не си заминат од нашата земја.“

Израелци веќе имало многу: „Сè повеќе се множеа и се засилуваа многу, така што се плашеа Египќаните од синовите Израелови.“

242 Благодарение на Јосифовата грижа и на наклоноста на царот кој владеел во тоа време, тие бргу се рашириле по сета земја. Но сепак се одржале како засебен народ и со Египќаните немале ништо заедничко ниту во обичаите ниту во верата. Нивното брзо размножување го загрижило царот и неговиот народ, плашејќи се во случај на војна да не преминат на страна на непријателот. Сепак, државничката мудрост не дозволувала да ги протераат од земјата. Мнозина од нив биле вредни и способни работници и со својот труд многу придонеле за општото национално богатство. На царот такви работници му биле потребни за градење на неговите сјајни палати и храмови. Поради тоа ги поставил во ист ранг со Египќаните кои на царството му се продале и себеси и својот имот. Набргу потоа им биле поставени надзорници и со тоа нивното поробување било целосно. „Затоа Египќаните ги гонеа синовите Израелови со жестокост, им го загорчуваа животот со тешки работи, со кал и правење тули и со секаква работа по полињата, и со сите други работи ги измачуваа немилосрдно." „Но, колку повеќе ги мачеа, толку повеќе се множеа, и се засилуваа многу."

Царот и неговите советници се надевале дека, подложувајќи ги Израелците на тешка и мачна работа, ќе го намалат нивниот број и ќе го скршат нивниот независен дух. Не успевајќи да ја остварат својата намера, примениле уште посвирепи мерки. Им била издадена наредба на оние жени чиешто занимање им овозможувало спроведување на истата - сите еврејски машки деца да ги убиваат при самото раѓање. Поттикнувач на ова бил лично сатаната. Тој знаел дека меѓу Израелците треба да се роди еден кој ќе биди нивни Ослободител и се понадевал дека, поттикнувајќи го царот да им ги убива децата, ќе го оневозможи остварувањето на оваа божествена намера. Но овие жени се боеле од Бога и не се осмелувале да извршуваат еден толку свиреп налог. Нивната постапка му била по волја на Господа и Тој за тоа ги благословил. Царот бил огорчен што неговата наредба не се извршува и затоа уште повеќе ја заострил и ја проширил. Целата нација била повикана да ги лови и да ги убива неговите беспомошни жртви. „Тогаш му заповеди фараонот на целиот свој народ, велејќи: 'Секое машко што ќе се роди кај Евреите, фрлете го во реката; само женските деца оставајте ги во живот.'"

Додека таа наредба била во полна сила, се родил синот на Амрам и Јохаведа, побожни Израелци од племето на Левие. Новороденчето било „прекрасно дете" (Евреите 11,25) и родителите, верувајќи дека се приближило времето за ослободување на Израел и дека Бог ќе му подигне избавител на својот народ, решиле своето дете

да не го жртвуваат. Верата во Бога го засилувала нивното срце „и 243
не се уплашија од царската заповед“ (Евреите 11,23).

Мајката успеала да го крие детето три месеци. Потоа, гледајќи дека не ќе може веќе со сигурност да го чува, направила ковчеже од водна трева, го обложила со битумен и со смола за да не пропушта вода и, положувајќи го детето во него, го однела во трската крај реката. Не се осмелила да остане таму да го пази за да не го изложи на опасност и својот живот и животот на детето; но неговата постара сестра, Марија, се маткала недалеку, навидум незаинтересирана, но всушност будно внимавајќи да види што ќе се случи со нејзиниот малечок брат. А тука имало и други кои будно внимавале. Мајчините сесрдни молитви го предале детето на Божја грижа и ангелите, невидливи за човечките очи, бдееле над неговата малечка колепка. Ангелите фараоновата ќерка ја упатиле токму на тоа место. Малечката кошничка предизвикала кај неа љубопитство и кога во неа видела „прекрасно дете“, со еден поглед ја прочитала и целата негова историја. Солзите на детето кај неа предизвикале сожалување, и таа сочувствително помислила на неговата непозната мајка која прибегнала и кон вакви средства само да му го поштеди животот на своето мило дете и решила да го спаси детето и да го посини.

Марија скришно посматрала сè што се случувало и кога забележала како со детето се постапува нежно, се осмелила да пристапи поблизу, и најпосле кажала: „Сакаш ли да одам да викнам доилка Еврејка, да ти го дои детето?“ И ѝ одобриле.

Сестрата побрзала кај мајка си со радосната вест и обете веднаш се вратиле кај фараоновата ќерка, која рекла: „Чувај го ова дете, и дој ми го; а јас ќе ти платам.“

Бог ги услишил мајчините молитви; нејзината вера била наградена. Длабоко благодарна, таа тогаш храбро и слободно ја прифатила својата среќна должност. Верно ја искористила дадената можност своето дете да го воспита и да го одгледа за Бога. Таа сигурно верувала дека детето е сочувано за некаква голема задача, а знаела дека наскоро ќе мора да ѝ биде предадено на царската помајка, каде што ќе биде изложено на влијанија пресметани така за да го одвратат од Бога. Имајќи го во вид сето тоа, таа го воспитувала уште погрижливо и повнимателно отколку другите свои деца. Се трудела во неговата душа да всади Божји страв и љубов кон правдата и вистината, и најсесрдно се молела на Бога да го сочува од секое лошо 244
влијание. Му ги разоткрила лудоста и гревот на идолопоклонството и од малечки нозе го учела да клекне и да се моли на живиот Бог кој единствено може да го чуе и да му помогне во секоја неволја.

Го чувала момчето сè додека било можно, но морала да го предаде кога имало околу дванаесет години. Од својата скромна куќичка, тој бил доведен на царскиот двор, кај фараоновата ќерка, и „таа го посини“. Сепак, дури ни тука тој не ги заборавил впечатоците примени во детството. Поуките примени од мајка му не можеле да бидат заборавени. Токму тоа го сочувало од гордоста, од неверството и од пороците што цутеле во сјајот на царскиот двор.

Колку далекусежно по своите последици било влијанието на една Израелка, една робинка во земјата на своето изгнанство! Целиот иден живот на Мојсеја, големото дело што го извршил како водач на израелскиот народ, докажуваат колкава важност има задачата на една христијанска мајка. Нема задача што би можела да се споредува со оваа. Во голема мера мајката судбината на децата ја држи во свои раце. Таа влијае врз развитокот на умот и карактерот, работејќи не само за овој живот, туку и за вечноста. Таа сее семе што ќе никне и ќе донесе плод било на добро или на зло. Нејзина задача не е да извезе прекрасен лик на платно, ниту да го извајa од мермер, туку божествената слика да ја втисне во жива човечка душа. Таа посебно сноси одговорност за вооблличување на детскиот карактер во нивното рано детство. Впечатоците што ги примаат децата во тоа време им остануваат во сеќавање во текот на целиот живот. Воспитувањето и образованието на своите синови и ќерки од нивното најрано детство родителите треба да ги насочуваат така за децата да им станат христијани. Тие се доверени на наша грижа не затоа да станат наследници на земен престол, туку како Божји и Христови цареви да владеат низ бесконечните времиња на вечноста.

Секоја мајка треба да чувствува дека нејзините мигови се од непроценлива вредност. Нејзиното дело ќе биде испитано на денот на големиот суд. Тогаш ќе се види дека грешките и престапите на мнозина произлегле од незнаењето и од немарноста на оние чијашто должност била стапалата на своите деца да ги насочат кон вистинскиот пат. Тогаш ќе се види дека мнозина, кои биле гении во вистината и светоста, и кои за светот биле голем благослов, за начелата што биле двигател на нивното влијание и успех треба да им заблагодарат на молитвите на побожната христијанска мајка.

245 На фараоновиот двор Мојсеј добил највисоко граѓанско и воено образование. Владетелот решил својот посвоен внук да го стори наследник на својот престол, и момчето било воспитувано за таа висока положба. „И ја научи Мојсеј целата египетска мудрост, и беше силен во зборовите и во делата“ (Дела 7,22). Неговите исклучителни способности како војсководител го сториле миленик на египетските армии. Насекаде го сметале за човек достоен за восхит.

Намерите на сатаната биле осуетени. Токму таа наредба, со која еврејските деца биле осудени на смрт, според Божјето провидение придонела идниот водач на неговиот народ да го добие потребното образование и подготовка.

Ангелите ги упатиле израелските старешини и им објасниле дека се приближило време за нивното ослободување и дека Мојсеј е човекот со кој Бог ќе се послужи да ја изврши таа задача. И на Мојсеја исто така ангелите му откриле дека Бог него го одбрал на робувањето на својот народ да му стави крај. Претпоставувајќи дека тие ќе се ослободат со силата на оружјето, очекувал тој да ги поведе еврејските маси против египетските војски; и имајќи го тоа предвид, ги потиснувал своите чувства дека приврзаноста кон фараонот и кон неговата ќерка како своја втора мајка можеби би пречела при исполнувањето на божествената волја.

Според египетските закони, секој што би стапил на фараонскиот престол, морал да биде член на свештеничката каста. Така и Мојсеј, како законит престолонаследник, морал да биде упатен во тајната на египетската вера. Таа должност им била доверена на свештениците. Но, иако ревносно и неуморно го изучувал сето тоа, сепак, тие не можеле да го придобијат да учествува во молитвите на лажните богови. Му се заканувале дека, доколку остане упорен во својата приврзаност кон еврејската вера, ќе биде лишен од престолот и дека царевата ќерка ќе се откаже од него како син. Но тој непоколебливо останал при својата одлука заклетва на верност да не му дава никому освен на единствениот Бог, Творец на небото и земјата. Со заклучоци до кои се доаѓа врз основа на здравиот разум, им докажал на свештениците и на поклониците на лажните богови колку е бесмислено нивното суеверно обожавање на мртвите работи. Никој не можел да ги оспори неговите докази ниту да ја измени неговата решителност; сепак, извесно време ја поднесувале неговата упорност, земајќи ја во обѕир неговата висока положба и наклоноста што ја уживал и кај царот и кај народот.

„Со вера Мојсеј, откако се роди, три месеци беше криен од своите родители, оти видоа дека детето е убаво, и не се уплашија од царската заповед. Со вера Мојсеј, кога порасна, се откажа да се нарече син на фараоновата ќерка, и повеќе сакаше да страда 246
заедно со Божјиот народ, отколку да има преодна гревовна наслада; хулењето на Христа го сметаше за поголемо богатство отколку сокровиштата на Египет, оти предвид ја имаше наградата“ (Евреите 11,23-26). Мојсеј имал способности да заземе истакнато место меѓу великаните на луѓето на земјата, да блескоти на дворовите

на тогаш најславното царство и во своја рака да го земе жезолот на неговата сила. Со својата интелектуална големина тој ги надминува големите луѓе на сите времиња. Како историчар, поет, филозоф, војсководител и законодавец - е неспоредлив. Меѓутоа, иако сето тоа стоело пред него, тој сепак имал морална сила да ги одбие примамливите изгледи за богатство, чест и слава: „И повеќе сакаше да страда заедно со Божјиот народ, отколку да има преодна гревовна наслада“ (Евреите 11,25).

Мојсеј бил поучен дека наградата на крај ќе им биде доделена на понизните и послушни Божји слуги, па во светлината на тоа знаење, земната добивка загубила секаква вредност. Нему примамливо му ја истакнувале сјајната фараонова палата и владетелскиот престол, но тој знаел дека во тие господствени одаи се кријат уживања поради кои човекот го заборава Бога. Преку велелепноста на раскошниот двор и над владетелската круна, неговиот поглед бил насочен кон повисоките почести што ќе им бидат укажани на светците на Севишниот во неговото царство неопоганeто со валканост на гревот. Тој во вера ги видел круните и венците на непоминливата слава што ќе ги стави небесниот Цар на главите на победниците. Таа вера му дала храброст да ги напушти горделивите великодостојници на египетскиот двор и да му се придружи на сиромашниот, понизен и презрен народ кој, наместо да му служи на гревот, решил да му служи единствено на Бога.

Мојсеј останал на дворот до својата четириесетта година. Често мислел за бедната состојба во која се наоѓал неговиот народ. Ги посетувал своите угнетени браќа и ги храбрел со уверувањето дека Бог ќе се погрижи за нивното ослободување.

Болно раскинуван од јадот што често го обземал додека гледал како ги угнетуваат, горел од желба да ја одмазди неправдата што морале да ја поднесуваат. Излегувајќи така еден ден, видел како еден Египќанец тепа Израелец, па скокнал и го убил Египќанецот. Освен Израелецот, тоа никој не го видел, а Мојсеј веднаш го закопал лешот во песок. Со тоа ја покажал својата подготвеност да се заложи за делото на својот народ и се понадевал дека тие сега ќе се подигнат да ја вратат својата слобода. „Тој мислеше дека неговите браќа ќе го разберат оти Бог со неговата рака ќе им даде спасение, но тие не разбраа“ (Дела 7,25). Тие уште не биле приготвени за
247 слобода. Утредента видел како двајца Евреи меѓусебно се караат. Бидејќи било очигледно на чија страна е кривицата, Мојсеј го укорил виновникот, кој му го оспорил правото да се меша и дрско го обвинил за вчерашното злосторство. „Кој те поставил тебе за старешина и судија над нас?“ рекол. „Да не сакаш и мене да ме убиеш, како што го уби Египќанецот?“

Целата работа бргу се прочула меѓу Египќаните и, мошне зголемена, стигнала до ушите на фараонот. Тоа на царот му било претставено како настан од огромна важност. Мојсеј, наводно, имал намера својот народ да го поведе против Египќаните, да ја собори владата и самиот да седне на престолот; и затоа царството не може да биде сигурно додека тој е меѓу живите. Владетелот веднаш решил Мојсеј да умре. Но свесен за опасноста што му се заканува, Мојсеј побегнал во правец на Арабија.

Бог го водел на неговиот пат, па нашол прибежиште кај Јотора, мадијански свештеник и кнез, кој исто така го почитувал Бога. По извесно време, Мојсеј се оженил со една од ќерките на Јотора; и тука, во служба кај својот дедо, останал полни четириесет години.

Решавајќи да го убие Египќанецот, Мојсеј паднал во истата заблуда во која толку често запаѓале и неговите предци - го презел во свои раце она што, според ветувањето, требало Бог да го стори. Не била Божја волја неговиот народ да се ослободува со војна, како што замислувал Мојсеј, туку со Божја сила, така што славата да му припадне единствено нему. Па сепак, и таа предвремена постапка Бог ја искористил за да ја исполни својата намера. Мојсеј уште не бил приготвен за големото дело што го очекувало. И тој требало уште да ја учи лекцијата на верата што во свое време морале да ја учат и Аврам и Јаков - за исполнувањето на Божјите ветувања да не се потпира врз човечка сила и мудрост, туку само врз Божјата сила. Имало и други поуки што требало Мојсеј да ги прими во тишината и мирот на планинската осаменост. Во школата на самооткажувањето и тешкотиите требало да се научи на трпение и на контрола над своите страсти. Неговото срце морало да биде во потполна хармонија со Бога за да биде во состојба да ги поучува Израелците на познавање на неговата волја. Морал низ лично искуство да биде приготвен да покажува татковско настојување и грижа за сите на кои ќе им затреба негова помош.

Човек не би се согласил на толку долг период на маки и повлеченост, сметајќи го тоа за голема загуба на време. Но оној кој требало да стане водач на избраниот народ, бесконечната Мудрост го повикала четириесет години да извршува најниски пастирски 248
должности. Навиката да води грижа, да заборави на себе предавајќи му се целосно и нежно на своето стадо, требало да го приготви да стане сочувствителен и добродушен и мошне стрплив пастир на Израел. Тоа искуство не можело да биде заменето со никакво образование или култура примена од луѓето.

Мојсеј бил научен на многу нешта од што требало да се одвикне и да се одучи. Влијанијата што го опкружувале во Египет - љубовта на неговата хранителка и втора мајка, високата положба што ја

заземал како царев внук, распуштениот живот во сè, превејаното мудрување, препреденоста, таинственоста на лажната вера, сјајот на идолопоклоничкото богослужение, свечената величественост на архитектурата и вајарството - сето тоа оставало длабок впечаток врз умот на неговиот развој и, до извесна мера, ги вообличувало неговите навики и неговиот карактер. Тие впечатоци можело да ги избрише само времето, промената на околината и постојаното одржување на врска со Бога. И сам Мојсеј од своја страна морал да се бори како човек што се бори за животен опстанок, да ја отфрли заблудата и да ја прифати вистината, но кога таа борба би станувала премногу тешка за човечката сила, Бог бил негов помошник.

Кај сите што биле одбрани да извршат некое дело за Бога, се забележува човечки елемент. Но тие не смееле да останат неизменети во своите навики и во карактерот, задоволувајќи се со тоа да останат во таа состојба. Тие најсесрдно се труделе од Бога да примат мудрост и да научат како треба да работат за него. Апостолот кажува: „Ако некому од вас не му достига мудрост, нека ја моли од Бога, кој на сите им дава изобилно и без укор - и ќе му се даде“ (Јаков 1,5). Но Бог не им дава на луѓето небесна светлина сè додека тие се задоволни со себе и наклонети да останат во темнина. За да може да ја прими Божјата помош, човекот мора да ја увиди својата слабост и нецелосност; тој мора својот дух да го прилагоди кон онаа голема промена што треба да се изврши во него; тој мора да биде поттикнат на сесрдна молитва и на истрајни напори. Лошите навики и обичаи треба да се отфрлат; само со решително настојување таквите заблуди да се исправат и да им се подложат на исправните начела, може да се извојува победа. Мнозина никогаш не успеваат да дојдат до онаа положба која инаку би можеле да ја заземат само затоа што очекуваат Бог да го стори за нив она што самите можат да го сторат со силата што им ја дал Тој. Сите што се способни да заземат некоја корисна положба во животот, мораат да поминат низ најтешка духовна и морална дисциплина и Бог ќе им помогне обединувајќи ја својата божествена сила со нивните човечки напори.

251 Опкружен и заштитен со природниот бедем на планините, Мојсеј бил сам со својот Бог. Величествените египетски храмови со своето суеверие и заблуда не влијаеле веќе врз неговиот дух. Во свечената големина на „вечните планини“ тој го посматрал величеството на Севишниот и сфатил колку се ништожни и незначително ситни боговите на Египет споредени со таа величественост. Името на Творецот било испишано насекаде околу него. На Мојсеја му се чинело дека се наоѓа во Божје присуство и во постојана сенка на неговата заштита и сила. Тука исчезнала неговата гордост

и веќе не му се чинело дека е доволен самиот себеси. Во строгата едноставност на пустинскиот живот исчезнале сите последици на удобноста и раскошот на Египет. Мојсеј станал стрплив, богобојазлив и понизен, „кроток повеќе од сите луѓе на земјата" (4. Мојсеева 12,3), но силен во верата во „силниот Бог на Јакова".

Како годините поминувале, тој, крстосувајќи со своите стада по осамени места, размислувал за состојбата на својот угнетен народ; и додека во своите мисли ги „пребројувал" Божјите дела при постапувањето со неговите татковци и неговите ветувања за наследството на одбраниот народ, кон небото ден и ноќ се издигнувале негови молитви за израелскиот народ. Небесните ангели ја распростирале својата светлина околу него. Тука, под вдахновение на Светиот Дух, ја напишал книгата „Создавањето" (Прва книга Мојсеева). Долгите години што ги поминал како бегалец среде пустинската самотија биле богати со благослови не само за Мојсеја и за неговиот народ, туку и за цел свет низ сите векови.

„А по многу време умре египетскиот цар. А синовите Израелови уште офкаа од маките и викаа; и нивниот вик од тешките работи стигна до Бога и Бог го чу нивното офкање; и се сети Бог на својот завет со Аврама, со Исака и Јакова. И погледна Бог на синовите Израелови, и се смили над нив." Настапило времето за ослободување на Израел. Но Божја намера била тоа да го изврши на начин на кој потполно ќе ја порази и ќе ја понижи човечката гордост. Ослободителот требало да се појави како обичен пастир и тоа само со еден стап во раката; но Бог имал намера тој стап да го направи симбол на својата моќ. Еден ден, водејќи го своето стадо, кога дошол „на Божјата гора Хорив", Мојсеј видел грмушка сета во пламен; и гранките, и лисјата и стеблото, сѐ горело, а сепак се чинело дека ништо не изгорува. Пристапил поблизу да ја види таа чудна сцена. При тоа од пламенот го повикал некој глас по име. Затреперувајќи од страв, тој одговорил: „Еве ме." Бил предупреден да не се приближува без да оддаде почит: „Собуј ги обувките од нозете, зашто ова место, на кое стоиш, е света земја... Јас сум Бог на твојот татко, Бог Аврамов, Бог Исаков и Бог Јаковов." Тоа бил 252
истиот Оној кој како заветен Ангел им се покажувал на неговите предци во старите времиња. „А Мојсеј го засолни своето лице, зашто му беше страв да гледа во Бога."

Однесувањето на сите што излегуваат пред Бога треба да го красат понизност и страхопочит. Во Исусово име ние можеме да излеземе пред него со полна доверба, но не смееме да му се приближиме со дрска вообразба како Тој да е еднаков со нас. Има и такви кои на семожниот и свет Бог, кој се наоѓа во недосеглива светлина, му се обраќаат така како што би ословиле некој на се-

беси рамен или дури на понизок од себе. Има такви кои во своето однесување во неговиот дом се чувствуваат послободни отколку што би се осмелиле да бидат во приемната просторија на некој земен властодржец. Тие би требало да имаат на ум дека се наоѓаат во присуство на Оној на кого му се клањаат серафими и пред кого ангелите ги засолнуваат своите лица. На Бога му припаѓа највисока почит и сите што навистина го чувствуваат неговото присуство, понизно пред него ќе се поклонат и ќе извикнат како и Јаков што извикнал кога на сон го видел: „Колку е страшно ова место! Не е друго, а е дом Божји, ова е вратата небеска“ (1. Мојсеева 28,17).

Додека Мојсеј стоел пред Бога чекајќи со длабока страхопочит, гласот од пламенот продолжил: „Ги видов страдањата на мојот народ во Египет и го чув неговиот пискот од злото што му го прават надзорниците. Сега ја знам неговата мака, па слегов да го избавам од египетските раце, да го изведем од таа земја и да го воведам во земја добра и пространа, во земја каде што тече мед и млеко... А сега појди - јас те праќам - кај фараонот за да го изведеш мојот народ, синовите Израелови.“

Вчудовиден и вцашен со оваа заповед, Мојсеј се повлекол, велејќи: „Кој сум јас, та да одам кај фараонот, египетскиот цар, и да ги изведам синовите Израелови од египетската земја?“ Одговорот гласел: „Ќе бидам со тебе, и ова нека ти биде знак дека јас сум те пратил: кога ќе го изведеш мојот народ од Египет, ќе му укажете чест на Бога на оваа планина.“

Мислејќи на тешкотиите што требало да се совладаат, на заслепеноста, на незнаењето и неверувањето на својот народ, од кој мнозина немале речиси никакви претстави за Бога, Мојсеј рекол: „Еве, ќе појдам кај синовите Израелови и ќе им речам: ‚Бог на
253 вашите татковци ме праќа кај вас, и ако тие ме прашаат: Како му е името? - што ќе им одговорам?‘“ Одговорот гласел: „ЈАС СУМ ОНОЈ КОЈ СУМ!“ „Така ќе им кажеш на синовите Израелови: ОНОЈ КОЈ Е, ТОЈ ме праќа кај вас.“

Мојсеј добил задача прво да ги собере старешините Израелови, оние најблагородните и најправедните меѓу нив, кои долго страдале и тагувале поради своето робување, и да им ја соопшти Божјата порака и ветувањето за ослободување. А потоа, заедно со старешините, требало да излезат пред царот и да му кажат: „Бог на Евреите нè повика нас три дена пат да отидеме во пустината за да му принесеме жртва на нашиот Господ Бог.“

На Мојсеја однапред му било кажано дека фараонот ќе ја одбие молбата на Израелците да им дозволи да заминат. Но сепак, Божјиот слуга не смеел да се обесхрабри, зашто Бог токму со тоа сакал да ја покаже својата моќ и пред Египќаните и пред својот народ. „Но

ќе ја пружам својата рака и ќе ги поразам Египќаните со сите мои чуда што ќе ги направам меѓу нив; потоа ќе ве пушти.“

Добил упатства и во врска со подготовките што требало да ги изврши пред да појде. „Ќе сторам народот да најде љубов кај Египќаните“, рекол Господ. „Секој човек нека побара од својот сосед и секоја жена од својата сосетка накит сребрен и накит златен, а и облека.“ Египќаните се збогатиле со плодовите на трудот неправедно изнудуван од поробените Израелци, и најпосле, кога настапил мигот овие да тргнат во својата нова татковина, имале право да бараат награда за својата долгогодишна тешка работа. Кажано им е да бараат скапоцености што лесно можат да се носат, а Бог сторил да најдат милост кај Египќаните. Големите чуда што ќе бидат сторени за нивно ослободување во толкава мера ќе ги исполнат со страв срцата на угнетувачите, што барањата на робовите веднаш ќе бидат исполнети.

Мојсеј пред себе видел тешкотии што му изгледале непремостиви. Кои докази можел да изнесе пред својот народ дека тој навистина е пратен од Бога. „Но нема да ми веруваат“, рекол, „ниту ќе го послушаат мојот глас, зашто ќе кажат: ’Не ти се јавил Господ.’“ И му бил даден доказ што одговарал на неговото сфаќање. Му било наредено да го фрли својот стап на земја, и кога послушал, стапот се претворил во змија, „и Мојсеј побегна од неа“. Но, му било кажано да ја фати и таа пак се претворила во стап. Следела
наредба раката да ја стави во пазувите. Послушал, „а кога ја извади 254
од пазувите, раката му беше лепрозна, бела како снег“. Најпосле слушнал заповед раката повторно да ја стави во пазувите и да ја извади, и видел дека таа пак станала чиста како другата. Со овие знаци Господ го охрабрил Мојсеја и му дал цврсто ветување дека неговиот народ, и лично фараонот, ќе се осведочат дека пред нив стои Оној кој е посилен од египетскиот цар.

Но Божјиот слуга сè уште бил совладан со мислата за необичното и чудесното дело што се случило пред него. Така збунет и уплашен, се бранел дека не знае добро да зборува. „О Господе, те молам, не сум доброречив човек; ни порано сум бил, ниту вчера, ниту завчера, па ниту сега, откако проговори ти со твојот слуга, бидејќи немам добар глас и тепкам, тешко зборувам.“ Тој навистина во голема мера го заборавил египетскиот јазик, зашто долго бил отсутен од Египет и не можел веќе лесно да се служи со него како порано додека живеел во таа земја.

Господ му рекол: „Кој му дал уста на човекот? Кој го прави нем, или глув, да гледа, или да е слеп? Зар не јас, Господ Бог?“ При тоа го уверувал дека насекаде ќе го придружува: „А сега оди, и јас ќе

ти ја отворам устатата и ќе те научам што ќе зборуваш?“ Но Мојсеј сè уште молел Бог да одбере некоја попогодна личност. Тие изговори од почеток произлегувале од скромноста и притеснувањето; но откако Господ ветил дека ќе ги отстрани сите тешкотии и ќе обезбеди конечен успех, тогаш секое натамошно притеснување и жалење на својата неспособност се само израз на недоверба кон Бога. Тоа покажувало страв дека Бог не е во состојба да го оспособи за таа голема задача на која го повикува, или дека се измамил во изборот на вистинскиот човек.

Тогаш Мојсеј бил упатен на Арона, на својот постар брат, кој совршено го зборувал египетскиот јазик, зашто со тој јазик се служел секојдневно. Му било кажано дека Арон ќе му појде во пресрет. Следните Господови зборови биле безусловна заповед:

„Нему ќе му кажеш и ќе ги ставиш моиве зборови во неговата уста, и јас ќе ти ја отворам твојата уста и неговата уста, и ќе ви покажам што да правите. И тој место тебе ќе му зборува на народот; и така тој ќе ти биде тебе уста, а ти ќе му бидеш нему место Бога. А тој стап земи го во својата рака. Со него ќе правиш чуда.“ Не можел веќе да се опира, зашто била отстранета секоја причина

255 за извинување.

Во мигот кога му била дадена божествената заповед, Мојсеј немал доверба во самиот себе бидејќи се чувствувал малодушен и тешко зборувал. Бил совладан од чувството на својата сопствена неспособност да му зборува на Израел во Божје име. Но кога еднаш ја прифатил задачата, ѝ пристапил со сето срце и целосно се потпрел врз Бога. Свеста за големината на задачата што му била доверена кај него ги разбудила најголемите сили на неговиот ум. Неговата подготвеност да послуша била придружувана со Божји благослов и тој станал речит, полн со надеж, прибран и наполно способен за најголемото дело што кога и да е му било доверено на еден човек. Тоа е добар пример за тоа што може Бог да стори за да го засили карактерот на оние што имаат целосна доверба во него и кои безусловно ги прифаќаат неговите заповеди.

Човекот ќе добие сила и делотворност ако ги прифати одговорностите што ги става Бог на него и ако со сета душа се труди да се оспособи за правилно извршување на задачата што му е доделена. Колку и да му е скромна положбата, а способностите ограничени, секој што има доверба во божествената сила и кој се труди својата задача да ја изврши верно, ќе постигне вистинска големина. Кога Мојсеј би се потпрел врз својата сила и мудрост и големата задача би ја прифатил дрчно, би се покажал целосно неспособен за таквото големо дело. Фактот што еден човек ја чувствува својата слабост претставува барем извесен доказ дека

тој ја увидува големината на задачата што му е доделена и дека ќе се обрати на Бога за совет и помош.

Мојсеј се вратил кај својот дедо и покажал желба да ги посети своите браќа во Египет. Јотор еднодушно се согласил со тоа и го благословил, велејќи: „Оди со мир.“ Така Мојсеј со жена си и со децата се упатил на пат. Не се осмелил да им ја открие целта на своето патување, зашто во тој случај тие можеби не би се осмелиле да појдат со него. Но, пред да пристигне во Египет, дошол до заклучок дека заради нивната сигурност најпаметно би било да ги врати дома, во Мадијам.

Потајниот страв од фараонот и од Египќаните, чијшто гнев се распалил против него уште пред четириесет години, го гонел Мојсеја уште повеќе да се опира при помислата да се врати во Египет; но бидејќи решил да ја прифати божествената заповед, Господ му открил дека неговите непријатели изумреле.

На патот од Мадијам Мојсеј одненадеж и на страшен начин бил предупреден на Божјето нерасположение кон него. Му се јавил ангел во толку заканувачки став, како да сакал да го уништи веднаш. Не било дадено никакво објаснување, но Мојсеј веднаш се сетил дека занемарил едно од Божјите барања. Подлегнувајќи 256
на убедувањето на својата жена, пропуштил да го обреже својот помлад син. Не го исполнил условот под кој неговиот син требало да го стекне правото на благословите на заветот склучен меѓу Бога и Израел; а ваквиот пропуст од страна на избраниот народен водач можел само да ја ослаби силата на божествените прописи во очите на народот. Плашејќи се мажот да не ѝ загине поради тоа, Сефора сама го извршила чинот на обрезанието, и ангелот веднаш го пуштил Мојсеја да оди по својот пат. Задачата што требало да ја изврши пред фараонот, Мојсеја го доведувала во мошне опасна положба; неговиот живот можел да биде сочуван само со заштита од светите ангели. Меѓутоа, додека не ја извршил занемарената должност за која знаел, не можел да биде сигурен, зашто во тој случај Божјите ангели не би можеле да го штитат.

Во времето на неволјата, непосредно пред второто Христово доаѓање, праведниците ќе бидат сочувани благодарение единствено на заштита од небесните ангели, но за престапниците на Божјиот закон нема да има сигурност. Тогаш ангелите не ќе можат да ги штитат оние што занемариле макар една од Божјите заповеди.

23

# ЕГИПЕТСКИТЕ ЗЛА

*Оваа глава е заснована на 2. Мојсеева 5 - 10 глава*

Ангелите го упатиле Арона да тргне во пресрет на својот брат со кој толку долго не се видел; и тие се сретнале среде пустинската самотија, недалеку од Хорив. Тука поразговарале за сè. „Мојсеј, пак, му ги кажа на Арона сите Господови зборови, за кои го прати, и сите знаци што му ги беше заповедал“ (2. Мојсеева 4,28). Потоа заедно се упатиле во Египет; и кога стигнале во Гесемската земја, се собрале сите израелски старешини. Арон им пренел сè што сторил Бог и што му рекол на Мојсеја, а потоа Мојсеј им ги покажал знаците што му ги дал Бог. „Народот поверува и се израдува, зашто Господ Бог ги посети синовите Израелови и погледна на нивната мака, па паднаа на колена и се поклонија“ (2. Мојсеева 4,31).

Мојсеј имал задача и на царот да му пренесе порака. Како пратеници на Царот над царевите, Мојсеј и Арон стапиле во фараоновата палата и проговориле во Господово име: „Вака вели Господ, Бог Израелов: ’Пушти го мојот народ да празнува празник во моја чест во пустината.’“

„Кој е Господ за да го послушам неговиот глас?“ - возвратил монархот. „Не го познавам Господа ниту ќе го пуштам Израел.“

„А тие рекоа: Бог на Евреите нè повика нас три дена пат да отидеме во пустината да му принесеме жртва на нашиот Господ Бог за да не прати Тој на нас смрт или убиство.“

Царот веќе слушнал за нив и за интересот што го предизвикале тие кај народот. Нивните зборови распалиле кај него гнев и тој извикнал: „Зошто вие, Мојсеју и Ароне, го одвлекувате народот од неговата работа? Одете си секој од вас по своја работа!“ Во царството веќе се почувствувала загуба откако овие двајца странци почнале да внесуваат нарушување. Мислејќи на тоа, фараонот додал: „Ете, сега се намножи народот во земјата, а вие го одвраќате од работата“ (2. Мојсеева 5,5).

Во текот на своето мачно робување, Израелците во извесна мера го загубиле вистинскиот поим за Божјиот закон и отстапиле од неговите прописи. Саботата воопшто малку е почитувана, а притисокот и прекумерните барања на нивните надзорници привидно потполно го оневозможиле нејзиното празнување. Меѓутоа, Мојсеј му објаснил на својот народ дека прв услов за ослободување е послушноста кон Бога; и напорите што биле вложени во тоа повторно да се воведе почитување на саботата, не останале незабележани од страна на нивните угнетувачи. 258

Царот бил мошне возбуден и вознемирен, претпоставувајќи дека Израелците имаат намера со бунт да се ослободат од робувањето и од ропството. Според него, незадоволството било последица на безделничењето, па затоа сакал да им скуси секој миг од слободното време во кое би можеле да ги коват своите опасни планови. Веднаш презел мерки нивните окови уште повеќе да ги стегне за да се скрши и да се уништи нивниот независен дух. Истиот ден се издадени нови наредби кои уште посвирепо ја отежнале нивната и онака тешка работа. Најчесто употребуван градежен материјал во таа земја биле тулите сушени на сонце. Ѕидовите на најубавите градби се изградени од тој материјал, а потоа обложувани со камен; и за правење на тие тули биле користени многубројни робови. Бидејќи при изработката на тулите иситнетата слама или плева се мешани со кал за тулите да бидат цврсти, за таа работа биле потребни огромни количества слама. Тој ден царот наредил да не ги снабдуваат веќе со слама која сега сами работниците морале да ја набавуваат како што знаат, а сепак и понатаму да испорачуваат ист број тули како и до тогаш.

Таа наредба внела голема загриженост меѓу Израелците во целата земја. Египетските настојници поставиле одделни луѓе од Евреите за управители да ја надгледуваат работата и тие биле одговорни за работата на своите потчинети. Кога оваа наредба на царот стапила во сила, народот се разотишол по сета земја да корне стрниште наместо плева; но било неможно во исто време да го свршат и тоа и да направат ист број тули како и обично. За тој недостиг еврејските управители биле свирепо тепани.

Мислејќи дека нивните маки доаѓаат од настојниците, а не од царот, еврејските управители пошле кај царот да се жалат. Фараонот ги пречекал со презир: „Безделничите, не работите, па затоа велите: 'Да одиме да му принесеме жртва на нашиот Бог.'" Им било наредено да се вратат на работа и товарот во никој случај да не им се олеснува. Кога се вратиле, ги сретнале Мојсеја и Арона и им се изнавикале ним: „Бог нека види и нека ви суди што нѐ намразивте

кај фараонот и кај неговите службеници и им дадовте меч во раце
259 да нè убиваат.“

Кога Мојсеј ги ислушал тие прекори, му било мошне жал и многу се загрижил. Народот морал значително повеќе да страда. На сите страни се слушнале очајни пекања и од старите и од младите и сите се согласиле во тоа дека тој е виновен за драстичното влошување на нивната и онака тешка состојба. Со горчина во душата Мојсеј му се обратил на Господа со зборовите: „Господе, зошто го воведе во неволја овој народ и зошто ме прати мене? Оти, откако излегов пред фараонот и проговорив во твое име, тој уште полошо постапува со овој народ; и ти не го избави својот народ.“ Одговорот гласел: „Еве, ќе видиш што ќе му направам на фараонот; под силна рака ќе ги пушти, дури ќе ги истера од својата земја.“ Повторно му било укажано на сојузот (заветот) склучен со неговите татковци и Бог го уверувал дека тој завет ќе биде исполнет.

За време на робувањето во Египет, меѓу Израелците имало луѓе кои му останале верни на Јехова. Нив ги опфаќала тага и загриженост кога секојдневно гледале како нивните деца присуствуваат на гнасотиите на незнабоштвото и како дури им се клањаат на нивните лажни богови. Во својата неволја и потиштеност пекале пред Бога да ги ослободи од египетскиот јарем за да се ослободат од разурнувачкото влијание на идолопоклонството. Тие не се откажувале од својата вера, туку им објаснувале на Египќаните дека предмет на нивно обожавање е Творецот на небото и земјата, единствениот вистински и жив Бог. Им изнесувале докази за неговата моќ и за неговото постоење од создавањето до деновите на Јакова. Така на Египќаните им била дадена можност да се запознаат со еврејската вера; но сметајќи дека им е под достоинство да бидат поучувани од своите робови, се труделе Божјите почитувачи да ги заведат со ветувања и награди, а кога тоа не успеало, применувале закани и свирепости.

Израелските старешини настојувале да ја одржат верата на своите браќа, повторувајќи им ги ветувањата дадени на нивните татковци и пророчките зборови што ги изговорил Јосиф пред својата смрт, преткажувајќи го нивното ослободување од Египет. Некои тоа го слушале и верувале. Други, гледајќи ги околностите што ги опкружувале, ја губеле надежта. Кога Египќаните дознале за што се зборува меѓу нивните робови, ги исмевале нивните очекувања и подбивно ја оспорувале моќта на нивниот Бог. Укажувајќи им на фактот дека тие се само нација на робови, зајадливо им дофрлале: „Ако вашиот Бог е праведен и милосрден и ако има поголема моќ отколку египетските богови, зошто не ви помогне да бидете слободен народ?“ Им ја истакнувале својата состојба.

Тие се клањале пред божества кои Израелците ги нарекувале лажни богови, а сепак биле богата и силна нација. Се фалеле дека нивните богови ги благословиле со изобилство и дека тие им ги предале Израелците да им робуваат, и се расфрлале со својата сила што можат да ги угнетуваат и уништуваат оние кои му служат на Господа. Лично фараонот се фалел дека Евреите ни самиот нивни Бог не може да ги избави од неговите раце. 260

Овие и други слични зборови ја поткопале надежта на Израелците. Им се чинело дека навистина е така како што кажуваат Египќаните. Било вистина дека се робови и дека нивните угнетувачи можат да прават со нив што сакаат. Нивните деца биле фаќани и убивани, а ним животот им бил тежок. Но тие сепак го почитувале небесниот Бог и нему му ги упатувале своите молитви. Ако Јехова навистина е над сите други богови, Тој сигурно нема да ги остави така да им робуваат на идолопоклониците. Меѓутоа, оние што му останале верни на Бога сфатиле дека тоа доаѓа оттаму што Израел се одвоил од Бога, што подлегнал на склоностите да стапува во брачни врски со идолопоклониците и со незнабожечките народи и така бил наведен да служи на лажни богови. Тие верувале дека тоа биле причините што Бог дозволил тие да станат робови и ги уверувале своите браќа дека Тој наскоро ќе го скрши јаремот на ропството и угнетувањето.

Евреите очекувале да бидат ослободени без никакво посебно испитување на нивната вера или без какви и да е страдања и тешкотии. Но тие уште не биле подготвени за ослободување. Нивната вера во Бога била слаба и не биле готови стрпливо да ги поднесуваат своите неволји сè додека Бог не види дека се оспособиле за делото што ги очекува. Мнозина од нив побргу би се согласиле да останат во ропство, отколку да се изложат на тешкотиите поврзани со преселбата во една непозната земја; а и обичаите на многу Израелци веќе биле толку слични на обичаите на Египќаните, што повеќе сакале да останат во Египет. Затоа Господ не ги ослободил веднаш кога првпат ја покажал својата сила пред фараонот. Тој така ги водел настаните, за египетскиот цар да може во целост да го покаже својот тирански дух, а самиот Тој поцелосно да му се открие на својот народ. Кога ќе ја видат неговата правда, неговата моќ и љубов, тогаш ќе решат да го напуштат Египет и да ѝ се посветат на неговата служба. Задачата на Мојсеја би била многу полесна кога меѓу Израелците не би имало толку заведени кои не биле подготвени да го напуштат Египет.

Господ му заповедал на Мојсеја да му го повтори на народот ветувањето за ослободување, со ново уверување во Божјата милост. Тој постапил како што му било наредено, но тие не сакале да го

слушаат. Светото писмо кажува: „Но тие не го послушаа Мојсеја од малодушност и поради тешките работи.“ Затоа Бог повторно
263 му наредил на Мојсеја: „Оди, кажи му на фараонот, египетскиот цар, да ги пушти синовите Израелови од својата земја.“ Заплашен и обесхрабрен, Мојсеј одговорил: „Ете, синовите Израелови не ме послушаа, па како ќе ме послуша фараонот?“ Господ му рекол да го поведе со себе и Арона и пак да излезе пред фараонот со барање „да ги изведе синовите Израелови од египетската земја“.

Му било кажано дека владетелот нема да попушти сè додека Бог не ги излее своите казни врз Египет и додека не ги изведе Израелците со помош на исклучителна пројава на својата сила. Пред појавата на секое поединечно најавено зло, Мојсеј на фараонот би му ја опишал нивната природа и нивното дејствување за да може да биде поштеден ако се согласи да го пушти народот. По секое негово одбивање откако ќе поминела претходната казна, следела уште поостра и потешка, додека гордото срце не му се скршило и додека не го признал Творецот на небото и земјата како единствен жив и вистински Бог. Господ на Египќаните им дал можност да видат колку е ништожна мудроста на нивните силници и несигурна моќта на нивните богови кога ќе им се противставаат на заповедите на Јехова. Тој решил да го казни египетскиот народ поради нивното идолопоклонство и да го замолкне нивното прчење со благословите добиени од нивните безживотни богови. Бог решил да го прослави своето име за и другите народи да слушнат за неговата моќ и да затреперат пред неговите силни дела, и неговиот народ да се одврати од лажните богови и да му служи само нему.

Мојсеј и Арон повторно стапиле во раскошните сали на египетскиот цар. Тука, опкружени со високите столбови и со сјајните украси, со богати слики и со извајани кипови на незнабожечките богови, пред владетелот на најсилното царство во тоа време стоеле двајца претставници на поробениот народ, барајќи повторно слобода за Израел, како што им наредил Бог. Царот побарал да направат некое чудо за да докажат дека Бог ги праќа. Мојсеј и Арон добиле упатство што треба да прават во случај од нив да се побара такво нешто, и Арон го фрлил својот стап пред фараонот. Од стапот настанала змија. Царот ги повикал „мудреците и вражарите“ и тие ги фрлиле „секој својот стап и стаповите се претворија во змии, но стапот на Арона ги проголта нивните стапови“. При тоа царот, порешително од кога било, одговорил дека и неговите вражари имаат иста моќ како Мојсеј и Арон, и дека Господовите слуги всушност се измамници, и затоа се почувствувал сосем сигурен да ги одбие нивните барања. Но, иако ја презирал нивната порака, Божјата сила го ограничила да не им стори никакво зло.

Пред фараонот чуда правела Божјата рака, а не некоја човечка 264
моќ или влијание со кое располагале Мојсеј и Арон. Тие знаци и чуда се направени со цел да го осведочат фараонот дека Мојсеја го пратил големиот „Јас сум“, и должност на царот била да ги пушти Израелците слободно да му служат на живиот Бог. И вражарите исто така покажале знаци и чуда, но тие тоа не го изведувале со своја сила или вештина, туку со помош на силата на сатаната кој, како нивни бог, им помагал да го имитираат делото на Јехова.

Маѓесниците не ги претвориле вистински стаповите во змии, туку со помош на големиот измамник, со магија, успеале само да предизвикаат таков привид. Сатаната не можел стаповите да ги претвори во живи змии. Кнезот на злото, иако сè уште ја има сета мудрост и сила на паднат ангел, сепак, нема моќ да создава или да дава живот; тоа предимство му припаѓа само на Бога. Но сè што било во негова власта тој го правел; извршил имитација. За човечките очи стаповите навистина се претвориле во змии. Дека тоа е така верувале и фараонот и неговите дворјани. Нивните лажни змии надворешно во ништо не се разликувале од змијата што ја создал Мојсеј од стапот. Иако Господ сторил вистинската змија да ги проголта лажните, сепак фараонот во тоа не видел дело на Божјата сила, туку последици на еден вид волшебство посилно од волшебствата на неговите слуги.

Фараонот сакал да ја оправда својата упорност во противењето против Божјата заповед и затоа барал каква било причина да го омаловажува чудото што го направил Бог преку Мојсеја. Сатаната му го дал токму тоа што го барал. Со делото што го сторил преку вражарите, тој пред Египќаните создал впечаток дека Мојсеј и Арон се само вражари и гатачи и дека пораката што ја носат не може да биде почитувана како да доаѓа од некое повисоко суштество. Така подметнувањето на сатаната ја остварило својата цел - да ги охрабри Египќаните во нивното противење и да му го стврдне срцето на фараонот пред свеста за сопствената вина. Сатаната исто така се понадевал дека ќе ја поколеба верата и на Мојсеја и Арона во божественото потекло на нивната мисија и во надмоќноста на силата на неговите орудија. Тој бил против тоа синовите Израелови да се ослободат од ропството за да му служат на живиот Бог.

Но кнезот на злото имал уште една подлабока намера кога ги покажувал своите чуда преку египетските вражари. Тој мошне добро знаел дека Мојсеј во своето настојување да го скрши ропскиот
јарем на синовите Израелови го претставува Христа кој требало 265
целиот човечки род да го ослободи од јаремот на гревот. Тој знаел дека и Христос, кога ќе се појави, ќе прави големи чуда за да му докаже на светот дека Бог го пратил. Сатаната се тресел за својата

власт. Обидувајќи се да го имитира Божјето дело извршено преку Мојсеја, се надевал не само дека ќе го попречи ослободувањето на Израелците, туку и дека ќе прошири влијание кое со векови подоцна ќе ја поткопува верата во Христовите чуда. Сатаната постојано се труди да го имитира Христовото дело и да ја утврди својата власт на која упорно полага право. Тој ги наведува луѓето Христовите чуда да ги сметаат и да ги објаснуваат како последица на човечка вештина и моќ. Во срцата на мнозина тој на ист начин ја уништува верата во Христа како Божји Син и ги наведува да ја отфрлат понудената милост дадена во планот на откупувањето.

Царот обично наутро шетал по брегот на реката, и Мојсеј и Арон следното утро биле упатени да го побараат таму. Бидејќи Нил го плавел земјиштето и бил извор на храна и богатство за цел Египет, таа река Египќаните ја сметале и ја почитувале како божество, и владетелот секој ден одел таму да ѝ укаже почит. Тука обајцата браќа ја повториле својата порака, а потоа Мојсеј го пружил својот стап и удрил со него по водата. Светата река се претворила во крв и сите риби во неа загинале, а таа почнала одвратно да смрди. И водата по куќите, што ја чувале Египќаните како резерва во нарочни цистерни, исто така се претворила во крв. „Но и египетските вражари направија исто со своето вражање.“ „Потоа се свртe фараонот и си отиде дома; и ни од тоа не се поучи.“ Маченњето траело седум дена, но без ефект.

Уште еднаш стапот бил испружен над водата, па излегле жаби од реката и се разотишле по сета земја. Влегле во одаите, во спалните, па дури и во печките за леб и во ноќвите. Египќаните и жабите ги сметале за свети животни и не ги уништувале, но таа лигава напаст станала неснослива. Дури скокале и во палатата на фараонот, па владетелот нестрпливо сакал да бидат отстранети. Вражарите успеале да предизвикаат впечаток како тие да ги навлекле жабите, но не можеле да ги отераат. Кога го видел тоа, фараонот станал малку попонизен. Ги повикал Мојсеја и Арона и им рекол: „Помолете му се на Господа за мене да ги отстрани жабите од мене и од мојот народ и јас ќе го пуштам народот да му принесе жртва на Господа.“ Потсетувајќи го царот на неговото поранешно фаленичко и растурливо однесување, браќата побарале да им одреди време кога треба да се молат за злото да биде отстрането. Тој им го определил утрешниот ден, надевајќи се потајно дека за тоа време
266 сами жабите ќе исчезнат и со тоа ќе го сочуваат од горчливото понижување да му се потчини на Израеловиот Бог. Но маченњето траело точно до определеното време, кога сите жаби во цел Египет испоцркале, но нивните тела, растурени на сите страни, со своето распаѓање го загадувале и го труеле воздухот.

Господ можел за миг сите да ги претвори во прав, но не постапил така за владетелот и неговиот народ да не кажат оти и тоа е резултат на вражање какво што знаат и нивните вражари. Телата на мртвите жаби ги собирале на купишта. Со тоа и на владетелот и на цел Египет им е даден доказ што нивната ништожна филозофија не можела да го побие, доказ дека тоа дело не било изведено со некакви волшебства, туку дека навистина претставувало казна од страна на небесниот Бог.

„А кога фараонот виде дека злото помина, му отврдна срцето." По Божја наредба Арон ја пружил својата рака и сиот прав во целата египетска земја се претворил во вошки. Фараонот ги повикал вражарите да го сторат истото тоа, но тие не можеле. Со тоа било покажано дека Божјето дело е посилно од делото на сатаната. Сами вражарите признале: „Ова е прст Божји." Но царот сепак останал упорен.

Апелите и опомените не ги дале саканите резултати и морала да уследи нова казна. Времето на нејзиното дејствување однапред било кажано за да не кажат после дека дошла случајно. Некој гаден вид мушички ги исполниле куќите и полињата така што „сè во земјата се расипа од мушичките". Тие „мушички" биле големи и отровни и нивното каснување им задавало големи болки на луѓето и животните. Како што било однапред кажано, Гесемската земја не била зафатена со оваа казна.

Тогаш фараонот им понудил на Израелците да принесат жртва внатре во Египет, но тие не се согласиле со тој предлог. „Не чини така", рекол Мојсеј, „зашто принесувањето жртва на нашиот Господ Бог е нечисто за Египќаните, пред нивните очи; нема ли тие да нè убијат со камење?" Оние животни што ги принесувале Израелците на жртва, Египќаните ги сметале за свети; а страхопочитувањето кон тие животни било толку големо, што е сметано за смртно злосторство ако некое од нив дури и случајно се убие. Според тоа, Евреите не можеле да принесуваат жртви во Египет, а со тоа да не ги повредат чувствата на своите господари. Затоа Мојсеј повторно предложил да одат три дена пеш в пустина. Владетелот се согласил и ги замолил Божјите слуги да се молат на Бога да го отстрани злото. Тие му ветиле дека ќе го сторат тоа, но го предупредиле поради неговата поранешна измама и неговото однесување со нив. Неволјата била отстранета, но срцето на владетелот поради постојаната упорност толку се стврднало, што сè уште одбивал да ги пушти. 267

Настапил уште еден пострашен удар - помор на сиот добиток во Египет што се затекол во полето. Гинеле, како светите животни, така и запрежниот добиток: крави, волови, овци, коњи, камили,

магариња. Било изрично нагласено дека Евреите ќе бидат поштедени од тоа; и кога царот пратил гласници во куќите на Израелците, се покажало дека е вистина она што го кажал Мојсеј: „Од израелскиот добиток не загина ниту едно.“ Царот и натаму останал упорен.

Тогаш Мојсеј добил налог да земе пепел од печка и да „го фрли во небото пред фараонот“. Тој чин имал длабоко значење. Четиристотини години пред тоа Бог на Аврама му го прикажал угнетувањето што го очекувало неговиот народ во иднина со помош на симболот на печка која „се димеше“ и од која излегувал пламен (1. Мојсеева 15,17). Тој тогаш рекол дека угнетувачите ќе ги казни со свои казни, а поробените ќе ги ослободи со големо богатство. Израелците во Египет долго чамееле во „печка“ на неволји. Оваа постапка на Мојсеја за нив била сигурен доказ дека Бог си споменал за своите заветни ветувања и дека настапило време за нивно ослободување.

Пепелот фрлен во вис се растурил низ цел Египет во вид на фин прав и секаде каде што паднал „настанаа красти... на луѓето и на добитокот“. До тогаш свештениците и вражарите го храбреле и го поддржувале фараонот во неговата тврдоглавост, но сега настапил суд што ги погодил и нив. Нападнати од одвратната и мачна болест, пред која нивната фаленичка сила била немоќна и ги правела само уште повеќе презрени, не биле веќе во состојба да се борат против Израеловиот Бог. Цела нација морала да увиди колку е глупаво да им се верува на вражарите кога не се во состојба да се заштитат ниту самите себеси.

Но срцето на фараонот сѐ уште било тврдо. И тогаш Бог му пратил порака: „Овојпат ќе ги пуштим сите зла на тебе, на твоите слуги и на твојот народ, за да познаеш дека нема друг како што сум јас на целата земја... а тебе те оставив досега само за да ја покажам над тебе мојата сила.“ Бог не му го дал животот со таа цел, но со своето провидение така ги водел настаните, за токму тој фараон да се најде на престолот кога дошло време за ослободување на Израел.
268 Иако тој горделив тиран со своите злосторства ја проиграл Божјата милост, животот сепак му бил поштеден, со цел, благодарение на неговата тврдоглавост, Господ да може да ги покаже своите чуда во египетската земја. Со настаните управува Божјето провидение. Тој на престолот можел да постави некој помилосрден цар кој не би смеел да ѝ се противставува на моќната Божја сила. Но во тој случај не би биле остварени Господовите намери. Тој дозволил неговиот народ да ја почувствува угнетувачката свирепост на Египќаните за да добие вистинска слика за понижувачкото влијание на идолопоклонството. Во своите постапки со фараонот, Бог ја покажал

својата омраза кон идолопоклонството и својата решителност при казнувањето на свирепоста и угнетувањето.

Што се однесува до фараонот, Бог рекол: „А јас пак ќе го ожесточам неговото срце да не го пушти народот" (2. Мојсеева 4,21). Не била потребна никаква натприродна сила за да се стврдне срцето на царот. Бог му дал на фараонот најубедливи докази за својата моќ, но владетелот упорно одбивал да ја прими светлината. При секоја пројава на бесконечната сила што ја отфрлил, тој станувал сè порешителен во своето опирање. Семето на бунт што е посеано кога го отфрлил првото чудо, донело своја жетва. А кога се осмелил да продолжи со таквото однесување и бидејќи неговата упорност постојано растела, срцето му станувало сè потврдо, додека најпосле не го видел студеното мртво лице на својот првенец.

Бог им зборува на луѓето преку своите слуги, упатувајќи им опомени и предупредувања и осудувајќи го гревот. Тој на секого му дава можност да ги поправи своите грешки пред тие да се вгнездат во карактерот; но ако некој ја одбие понудената милост и не сака да се поправи, Божјата сила не посредува да го осуети она кон што се насочени неговите постапки. На таквиот човек му се чини дека е полесно да ја повтори истата грешка отколку да ѝ се противстави: така срцето на грешникот се стврднува и се затвора пред влијанието на Светиот Дух. А натамошното отфрлање на светлината го доведува во положба во која многу посилни влијанија не можат да помогнат.

Оној што еднаш ќе му подлегне на искушението, вторпат ќе му подлегне многу полесно. Секое повторување на гревот ја намалува силата да му се противставиме, ги заслепува очите и го задушува убедувањето. Секое посеано семе на попустливоста, донесува и свој плод. Бог не прави чуда за да ја спречи жетвата. „Што човекот ќе посее, тоа и ќе го пожнее" (Галатите 6,7). Оној што покажува
неверничка дрскост и тапа рамнодушност кон Божјата вистина, 269
ќе го пожнее она што самиот го сеел. Оттаму илјадници луѓе потполно рамнодушно ги слушаат оние вистини кои некогаш ги трогнувале до срце и длабоко ги возбудувале. Тие сееле запоставување и опирање кон вистината и истото тоа мораат и да го жнеат.

Сите кои својата немирна совест ја стивнуваат со мислата дека својот лош пат можат да го изменат секогаш кога ќе посакаат и кои мислат дека со повикот на милоста можат да си играат и да го прифатат кога ќе им се стори ним погодно, се изложуваат на голема опасност и тоа го прават на своја пропаст. Разгледувајќи го сето свое влијание на страна на големиот бунтовник, тие мислат дека во последниот миг од опасноста можат да го променат водачот. Но тоа не се изведува така лесно. Искуството, воспитувањето

и навиките на постојано попуштање кон гревот оставаат толку длабок и траен впечаток врз нивниот карактер, што тие потоа не можат да го прифатат Исусовиот лик. Кога нивната патека не би била осветлена, случајот би бил поинаков. Би им била укажана милост и тие би имале можност да ги прифатат нејзините понуди; но бидејќи светлината е долго отфрлана и презирана, таа најпосле ќе им биде и скусена.

Потоа фараонот бил предупреден дека следната казна ќе се урне во вид на град. „Затоа, сега побрзај да се прибере твојот добиток и сѐ што имаш по полето, оти ќе падне град врз сите луѓе и врз добитокот. А оние што ќе се затечат во полето и не бидат прибрани дома, ќе падне град врз нив и ќе загинат.“ - гласела опомената. Дождот и градот во Египет биле ретка појава, а таква луња, каква што е навестена сега, никогаш овде никој не видел. Веста за тоа бргу се прочула и сите што му верувале на Господовиот збор, го собрале својот добиток, додека оние што ја презирале опомената, оставиле сѐ свое надвор. Така, заедно со казната, се покажала и Божјата милост, народот бил ставен на проверка и се покажало колку од нив, благодарение на божествената сила што ја гледале, биле поттикнати да се бојат од Бога.

Невремето наишло токму онака како однапред што било кажано: „Паѓаше силен град придружуван со молскавици. Таква стравотија не се урнала врз египетската земја откако живеат луѓе во неа. Градот уништи во цел Египет сѐ што остана надвор, луѓето и животните; ги уништи сите билки по полето и ги искрши сите полски стебла.“ Уништувањето и пустошот ја обележувале патеката на ангелот извршител. Единствено Гесемската земја била поштедена. Така на Египќаните им било покажано дека со земјата управува живиот Бог, дека и стихиите на природата му се покоруваат на неговиот глас и дека единствена сигурност се наоѓа во
270 послушноста кон него.

Сета египетска земја се тресела под страшниот излив на Божјата казна. Фараонот итно пратил по Мојсеја и Арона и почнал да пека: „Сега згрешив; Господ е праведен, а јас и мојот народ сме грешници. Помолете му се на Господа за мене; нека престанат Божјите громови и градот на земјата, па ќе ве пуштам и повеќе никој нема да ве задржува. А Мојсеј му рече: ’Штом ќе излезам од градот, ќе ги кренам рацете спрема небото кон Господа, и громовите ќе престанат и град и дожд нема веќе да има, за да познаеш дека земјата е Господова.“‘

Мојсеј знаел дека спорот уште не е завршен. Фараоновите признавања и ветувања не потекнувале од некоја корена промена во неговото сфаќање или од срцето, туку изнудени со страв и

вчудовиденост. Меѓутоа, Мојсеј сепак ветил дека ќе го прифати неговото барање, зашто не сакал да му даде повод за натамошно опирање. Не водејќи сметка за непогодата што беснеела, пророкот излегол, а фараонот и сите што се нашле околу него виделе како силата на Јехова го штити својот весник. „Мојсеј излезе од кај фараонот надвор од градот, ги подигна рацете кон Господа и престанаа громовите и градот, и град и дожд не паднаа веќе на земјата.“ Но штом се ослободило од стравот, срцето на царот се вратило на својата изопаченост.

Тогаш Господ му рекол на Мојсеја: „Оди при фараонот зашто јас му го ожесточив неговото срце и срцето на неговите слуги за да ги покажам овие знаци врз нив, па да им прикажувате на вашите деца и на вашите внуци што им направив на Египќаните, како и за моите знаци што ги покажав пред нив, за да знаат дека сум јас Господ.“ Господ ја покажал својата моќ за да ја засили верата на Израелците во себе како единствен вистински жив Бог. Тој сакал да даде очигледен доказ за разликата што ја поставил меѓу нив и Египќаните за сите народи да спознаат дека Евреите, што тие ги презирале и ги угнетувале, биле под заштита на небесниот Бог.

Мојсеј го предупредил владетелот дека, ако и понатаму остане упорен, во казната што следи ќе наиде вистинска инвазија на скакулци што ќе ја покријат сета земја и ќе го изедат сето зеленило што останало. Тие ќе ги наполнат куќите, па дури и неговиот двор. Така, рекол Мојсеј, напаста ќе биде толку голема, каква што „не виделе твоите татковци, ниту татковците на твоите татковци откако настанале на земјата до денеска“.

Советниците на фараонот биле вџашени. Со уништувањето 271
на добитокот, на нацијата ѝ била веќе нанесена огромна штета и загуба. Градот убил и многу народ. Шумите биле претворени во карст, посевите уништени; така бргу го загубиле сè она до што се добрале со мачната работа на Евреите кои им робувале. На целата земја ѝ се заканувал глад. Кнезовите и дворјаните го навалиле царот и налутено побарале: „До кога овие маки? Пушти ги луѓето нека му заблагодарат на нивниот Господ Бог. Зар уште не гледаш како Египет пропадна?“

Пак ги повикале Мојсеја и Арона, и владетелот им рекол: „Одете и послужете му на својот Господ Бог! А кој сè ќе оди?“

„Ќе одиме и млади и стари, со нашите синови и со нашите ќерки, со нашите овци и со нашите волови, ќе одиме, зашто тоа ќе биде празник во чест на нашиот Господ Бог.“

Царот се налутил. „Господ да е со вас исто толку колку и јас што ќе ги пуштам децата да појдат со вас“, викнал фараонот. „Очигледно е дека намерата не ви е чиста. Не така. Туку нека одат

мажите и нека му послужат на Господа. Тоа и баравте. И ги отера од себе фараонот.“ Фараонот настојувал Евреите со тешка работа потполно да ги уништи и децата им ги убивал, а сега се преправал како да се грижи за нив и за нивните деца. Вистинската намера всушност му била жените и децата да ги задржи како заложници, како гаранција дека луѓето навистина ќе се вратат.

Потоа Мојсеј го пружил својот стап на земјата и дувнал ветер од исток кој донел скакулци. „И нападнаа по сите египетски краишта во голем број; такви скакулци никогаш немало, ниту такви ќе има некогаш.“ Ги имало толку многу што го прекриле небото, така што на земјата сè се затемнило и го опустеле сето зеленило што преостанало на земјата. Фараонот итно пратил по пророците и рекол: „Прегрешив пред вашиот Господ Бог и пред вас. Но уште сега простете ми го мојот грев и молете му се на својот Господ Бог да ја отстрани од мене само оваа смрт.“ Тие постапиле така, при што дувнал силен ветер од запад и ги однел сите скакулци кон Црвеното Море. Царот во својата упорна решителност сепак сè уште одбивал да ги пушти.

Населението на Египет веќе паѓало во очај. Неволјите што веќе наишле изгледале неподносливи, а нивните срца ги исполнил страв од иднината. Нацијата фараонот го обожавала како застап-
272 ник на нивните богови, но сега мнозина се увериле дека тој му се опира на Оној на кого му служат сите сили на природата. Евреите како робови, толку чудесно заштитени, станале свесни дека се ближи часот на нивното ослободување. Нивните надгледници не се осмелувале веќе да ги угнетуваат како до тогаш. Во цел Египет владеел таинствен страв дека поробениот народ секој миг би можел да се дигне и да се одмазди за неправдата што толку долго му е правена. Со страв и со задржан здив, секој се прашувал што ќе се случи сега.

Одненадеж над целата земја се спуштила толку густа и непробивна темнина, што им се чинело како да можат да ја „опипаат“. Не само народот што бил наполно лишен од светлината, туку и воздухот бил толку тежок што одвај можело да се дише. „Луѓето не се гледаа еден со друг три дена, и никој не се поместуваше од својата постела три дена. Но по местата каде што живееја синовите Израелови имаше виделина.“ Сонцето и Месечината за Египќаните биле божества на кои им се клањале. Со ненадејната појава на оваа таинствена темнина биле поразени и поклониците и нивните божества пред Силата која се зазела за делото на нивните робови. Но колку и да била страшна, оваа казна претставува очигледен доказ за Божјата сомилост и за неговата несклоност кон уништување. Тој

на Египќаните на овој начин им дал време за размислување и каење пред да го пушти на нив последното и најстрашно зло.

Најпосле стравот го принудил фараонот на една отстапка. Пред крајот на третиот ден на мракот повторно го повикал Мојсеја и се согласил народот да излезе под услов само ситниот и крупниот добиток да остане. „И нашиот добиток ќе оди со нас, да не остане ни копито“, возвратил решително Евреинот, „зашто од него треба даземеме нешто со што ќе му заблагодариме на нашиот Господ Бог, но додека не пристигнеме таму, не знаеме каква жртва ќе му принесеме на Господа.“ Тогаш пламнал гневот на царот во незауздан бес: „Истави се од пред мене и повеќе да не ми излегуваш пред очи! Оној ден кога ќе ми излезеш пред очи, ќе загинеш.“

И Мојсеј му одговорил: „Право кажа, нема повеќе да ти го видам лицето.“

„Мојсеј беше многу голем човек пред Египќаните и пред фараонот, пред очите на неговите слуги и пред народот“ Египќаните се однесувале кон него со света страхопочит. Царот не се осмелувал да му стори макар и едно зло, зашто народот во него гледал единствен кој има сила да го отстрани злото. Народот сакал на Израелците да им се дозволи да заминат, само царот и свештениците биле тие кои до крај се противеле на Мојсеевите барања.

24

# ПРАЗНИКОТ ПАСХА

*Оваа глава е заснована на 2. Мојсеева 11 глава и 12,1-32*

Кога првпат му било поставено барањето на египетскиот цар за ослободување на Израелците, тој исто така бил предупреден и на најстрашната казна што ќе уследи. На Мојсеја му било наредено да му пренесе: „А ти кажи му на фараонот: Вака вели Господ Бог еврејски: Израел е мојот првороден син. Ти реков да го пуштиш мојот народ да ми послужи. Ако одбиеш да го пуштиш, внимавај, јас ќе го убијам твојот првороден син“ (2. Мојсеева 4,22.23).

Иако од Египќаните презрени, Израелците од Бога биле високо ценети, и Тој ги изделил како посебен народ, да бидат чувари на неговиот закон. Со тие свои посебно доделени привилегии и благослови имале првенство меѓу другите народи, како синот првенец што има меѓу другите браќа.

Казната што прва им била навестена на Египќаните требало да ги снајде како последна. Бог е мошне стрплив и обилен со милосрдие. Тој нежно се грижи за суштествата што се создадени според неговиот лик. Кога Египќаните би се покајале кога им биле уништени посевите и добитокот, децата не би им биле погодени; но тој народ упорно ѝ се опирал на Божјата заповед и сега морал да падне и последниот удар.

На Мојсеја под закана на смртна казна му било забрането да се појави пред фараонот; но на упорниот цар морала да му се пренесе и последната Божја казна, и Мојсеј уште еднаш излегол пред него со морничаво навестување: „Вака вели Господ: ’На полноќ ќе поминам низ Египет, и ќе умре секој првороден во египетската земја, од првородениот син на фараонот, кој требаше да седне на неговиот престол, до првородениот син на слугинката, која се наоѓа во воденица, и првородениот добиток. И ќе настане силен пискот низ целата египетска земја каков што уште немало, ниту некогаш ќе има. А кај синовите Израелови никаде нема ни куче да лавне со својот јазик ниту против човек, ниту против животно, за да се

види колку ќе се прослави Господ меѓу Израелците и Египќаните. Па ќе дојдат сите тие слуги кај мене и ќе ми се поклонат, велејќи: Оди си и ти и целиот твој народ што го водиш со тебе. И тогаш ќе излезам.'" 274

Пред да биде извршена таа пресуда, Господ на синовите Израелови им дал упатство во врска со нивното излегување од Египет, особено да внимаваат на претстојната казна. Секое семејство, само или здружено со некое друго, доколку било малубројно, морало да заколе јагне или јаре, здраво и без мана, потоа китка исоп да натопи во крвта на закланото животно и со неа да ги испрска „обата довратника и праговите на куќата во која ќе го јадат", за ангелот што ќе има задача „таа ноќ" да ги погуби „сите првенци во египетската земја" да не влезе во нивниот дом. Месото морале да го изедат во текот на ноќта и тоа со пресен леб и горко зелје, како што им рекол Мојсеј: „А вака јадете го: препашани, со обувки на нозете и со стап во раката, и јадете брзо; тоа е пасха Господова."

Господ рекол: „Оти таа ноќ ќе поминам низ египетската земја, и ќе го убијам секој првороден во египетската земја, од човек до животинче. Јас Господ, ќе ги казнам и сите египетски богови. А крвта ќе ви биде знак на куќите во кои ќе бидете; и кога ќе ја видам крвта, ќе ве одминам, па нема да има меѓу вас помор, кога ќе ја поразам египетската земја".

За спомен на тоа големо ослободување, израелскиот народ требало да го празнува тој ден во сите идни поколенија. „И тој ден ќе ви биде ден на сеќавање и празнувајте го тој празник, посветен на Господа, празнувајте го од колено на колено; вечно озаконет." Во подоцнежните години, кога го празнувале тој празник, тие биле должни на своите деца да им ја повторуваат историјата за тоа големо ослободување, како што им заповедил Мојсеј: „Одговорете: 'Тоа е пасхална жртва на Господа, кога ги одмина куќите на синовите Израелови во Египет, убивајќи ги Египќаните, а вашите домови ги зачува.'"

Освен тоа, секој првенец меѓу луѓето и меѓу добитокот требало да му се посвети на Господа и истиот можел само да се откупи за да не се заборави дека при убивањето на првенците во египетската земја, првенците на Израел милосливо биле поштедени од таа судбина благодарение единствено на жртвата на помирувањето. „Сите првородени се мои. Оној ден, кога ги поразив сите првородени во египетската земја, јас ги осветив за себе сите Израелови првородени, од човек до животинче: тие да бидат мои" (4. Мојсеева 3,13). Кога била воспоставена службата во шаторот за состанок, Господ, наместо првенците од својот народ, за служба во Светилиштето го избрал племето на Левие. Господ му рекол на Мојсеја:

277 „Место сите првородени од синовите Израелови, јас ги зедов за себе (припадниците на племето на Левие)“ (4. Мојсеева 8,16). Меѓутоа, во знак на признание на Божјата милост, од народот сепак и понатаму се барало да ги откупува своите првенци (4. Мојсеева 18,15.16).

Празникот Пасха требало да биде и спомен и симбол не само да потсетува на ослободувањето од Египет, туку и однапред да укажува на големото ослободување што ќе го изврши Христос, ослободувајќи го својот народ од јаремот на гревот. Жртвеното јагне го претставувало „Божјето Јагне“ во кое се наоѓа нашата единствена надеж за спасение. Апостолот кажува: „Зашто и нашата Пасха се закла за нас, Христос“ (1. Коринќаните 5,17). Не било доволно само тоа што пасхалното јагне било заклано, туку со неговата крв морале да се испрскаат довратниците; така душата мора да ги прифати заслугите на Христовата крв. Не е доволно да се верува дека Тој умрел за овој свет, туку мораме да веруваме дека Тој умрел лично за нас. Заслугите на жртвата на помирување мораме да ги прифатиме лично за себе.

Исопот (тревесто растение, заб. на прев.) употребен за прскање со крвта бил симбол на чистењето; тој бил употребуван и при отсранувањето на лепрата и при чистењето на оние што би станале нечисти со допир на мртовец. Неговото значење исто така се гледа и во молитвата на псалмистот: „Пороси ме со исоп, и ќе бидам чист; измиј ме и ќе бидам побел од снег“ (Псалм 51,7).

Јагнето морало да се испече цело и не смеело да му се скрши ниту една коска. Исто така не смеела да му се скрши ниту една коска и на Божјето Јагне што морало да умре заради нас (Јован 19,36). Така било прикажано и совршенството на Христовата жртва.

Месото морале да го изедат. За да ни бидат простени гревовите, не е доволно само да веруваме во Христа, туку преку него и неговата Реч треба постојано да примаме духовна храна и сила. Христос рекол: „Ако не го јадете телото на Синот човечки и не ја пиете неговата крв, не ќе имате живот во себе; кој го јаде моето тело и ја пие мојата крв, има живот вечен“ (Јован 6,53.54.63). А за да
278 го објасни значењето на тоа што го кажал, Тој додал: „Зборовите што ви ги кажав се дух и живот.“ Исус го прифатил законот на својот Отец, ги применувал неговите начела во својот живот, го открил духот на тој закон и го покажал неговото благопријатно дејствување врз срцето. Јован кажува: „И Речта стана тело и се всели во нас, полна со благодат и вистина; и ние ја видовме неговата слава, славата како на Единороден од Отецот“ (Јован 1,14). Христовите следбеници мора да ги делат неговите искуства. Тие мора да ја прифатат Божјата реч и целосно да се прилагодат кон неа така што таа да стане движечка сила на нивниот живот и на

нивните постапки. Со Христовата сила тие мора да се преобразат во неговиот лик и да ги отсјајуваат божествените особини. Тие мора да го земат телото и крвта на Божјиот Син, инаку нема да имаат живот во себе. Христовиот дух и Христовото дело мора да бидат дух и дело и на неговите ученици.

Јагнето требало да се јаде заедно со горко зелје, што укажувало на горчливото робување во Египет. Така и ние, кога ќе го примиме лебот што го претставува Христа, тоа треба да го правиме со скршено срце, каејќи се за нашите гревови. Употребувањето на пресен леб исто така имало свое значење. Со законот за празникот Пасха, што Евреите строго го почитувале, изрично било забрането за време на празникот во нивните куќи да се најде кисело тесто. Соодветно на тоа и квасецот на гревот мора да биде отстранет од срцата на сите што сакаат од Христа да примат живот и духовна храна. Павле ѝ пишува на црквата во Коринт: „Затоа очистете го стариот квасец, да бидете ново тесто... оти нашата Пасха, Христос, се закла за нас. Па да празнуваме не со стар квасец, ниту со квасец со злоба и лукавство, туку со пресни лебови во чистота и вистина“ (1. Коринќаните 5,7.8).

Пред да добијат слобода, поробените морале да покажат вера во големото ослободување кое само што не настапило. Знакот на крвта морал да биде ставен на нивните куќи, а тие, заедно со сите членови на своите семејства, морале да се одвојат од Египќаните и да се соберат во своите станови. Кога Израелците и во најмалечка ситница би го занемариле даденото упатство, кога своите деца не би ги изделиле од децата на Египќаните, кога јагнето само би го заклале, а би пропуштиле со неговата крв да ги испрскаат своите довратници, или кој било од нив да излегол од својата куќа, тие не би биле сигурни. Тие би можеле искрено да веруваат дека сториле сѐ што било потребно, но нивното верување не би ги спасило. Сите што би пропуштиле да ги послушаат Господовите упатства, би ги загубиле своите првенци од раката на ангелот извршител.

Својата вера народот морал да ја потврди со послушност. Така и 279
сите што се надеваат на спасение врз основа на заслугите на Христовата крв, треба да знаат дека и тие сами мора нешто да преземат за своето лично спасение. Иако само Христос може да нѐ спаси од казната за сторените престапи, наше е да се свртиме од гревот кон послушност. Човекот се спасува со вера, а не со делата; но својата вера човекот сепак мора да ја докаже со дела. Бог го дал својот Син да умре како жртва на помирување и страдање за гревовите на светот. Тој ја открил светлината на вистината, го покажал патот во животот, ни дал можности, предимства и прописи, а сега до човекот стои да ги користи тие спасоносни средства како помош;

тој мора да ја цени помошта што му ја укажува Бог и истата да ја користи - да верува и да ги прифаќа сите божествени барања.

Кога Мојсеј им ги изнел на Израелците Божјите одредби и мерки потребни за нивното ослободување, „тогаш народот ја наведна главата и се поклони“. Радоста за слобода, страшното сознание за казната која само што не се урнала врз нивните угнетувачи, грижата и трудот околу ненадејното заминување - сето тоа за миг исчезнало во благодарноста кон нивниот милостив Ослободител. Дури и многу Египќани биле наведени еврејскиот Бог да го признаат како единствен, вистински и вистинит Бог, и молеле за дозвола да се засолнат во израелските куќи кога ќе наиде ангелот извршител. Прифатени се радо и со добредојде, и тие се заветувале дека во иднина ќе му служат на Јакововиот Бог и дека ќе заминат од Египет заедно со неговиот народ.

Израелците ги послушале упатствата што им ги дал Господ, па итно и молкома се приготвиле за заминување. Ги собрале сите членови на своите семејства, заклале пасхално јагне, го испекле месото на оган и приготвиле пресен леб и горко зелје. Таткото на секое семејство, кој едновремено бил и свештеник, ги испрскал со крвта довратниците и ги повикал сите членови на своето домаќинство цврсто да се обединат меѓусебно. Пасхалното јагне го јаделе итно и во тишина. Со света страхопочит целиот народ се молел и стражарел. Со неопишан страв се тресело срцето на секој првенец, без оглед дали бил возрасен и силен човек или малечко нејако дете. При помислата на страшниот удар што ќе падне таа ноќ, татковците и мајките цврсто ги прегрнувале своите прворојденчиња. Но ангелот извршител на смртната пресуда не посетил ниту една Израелска куќа. На нивните врати се наоѓал знак од крв - знак на заштита на Спасителот - и уништувачот не поминал низ нив.

Околу полноќ „настана силен викот во Египет, зашто немаше
280 куќа во која немаше мртовец“. Сите првенци во египетската земја биле погубени, „од прворобениот син на фараонот, кој требаше да седи на неговиот престол, до првородениот син на затвореникот во затвор, и сè што беше прворoccurred во добитокот.“ Од едниот до другиот крај на големото египетско царство, гордоста на секое семејство била уништена. Низ воздухот се пронесувале пискоти и редење. Царот и дворјаните стоеле со бледи лица и со треперливи колена, вцашени пред страшниот настан. Фараонот си споменал за она што еднаш го рекол: „Кој е Господ да го послушам неговиот глас и да го пуштам Израел? Не го познавам Господа ниту ќе го пуштам Израел.“ А сега, кога неговиот дрски пркос против Небото е понижен и урнат во прав, тој ги повикал Мојсеја и Арона ноќе и им

рекол: „Станете, одете си од мојот народ, како вие така и синовите Израелови, и послужете му на Господа, како што велевте. Земете ги и вашите овци и вашите говеда, како што велевте и одете си, па и мене благословете ме.“ И царските советници и сиот египетски народ ги молеле Израелците да заминат од нивната земја, „зашто велеа: Изгинавме сите“.

25

# ИЗЛЕГУВАЊЕТО ОД ЕГИПЕТ

*Оваа глава е заснована на 2. Мојсеева 12,34-51; 14 и 15 глава*

Опашани и обуени, со стап во рака, Израелците стоеле молчејќи со длабока страхопочит, но сепак полни со надеж чекале само да падне царската наредба што ќе им овозможи заминување. Пред да осамне утрото, тие веќе биле на пат. Во текот на излевањето на злата, додека манифестацијата на Божјата сила создавала вера во срцата на робовите, а нивните угнетувачи ги исполнувала со страв, Израелците постепено се собирале во Гесемската земја; и покрај ненадејноста на нивното заминување, извесни подготовки, неопходни за организација и за управување со масите во движење, веќе биле извршени; тие биле поделени во формации и потчинети на одредени водачи.

Така тргнале „околу шестотини илјади мажи, не сметајќи ги тука децата. И многу други придојдени отидоа со нив." Во таа огромна маса се нашле не само оние што биле поттикнати со вера во Израеловиот Бог, туку и еден поголем број такви кои сакале само да ја одбегнат казната, или кои се придружиле кон оваа огромна поворка од просто љубопитство. Тие за Израелците биле само пречка и стапица.

Народот повел со себе „и многуброен добиток". Тоа била лична своина на Израелците кои својата сопственост никогаш не му ја продале на царот како Египќаните. Кога Јаков и неговите синови дошле во Египет, ги довеле и своите стада кои тука многу се намножиле. Пред да го напуштат Египет, Израелците, по упатство на Мојсеја, барале обештетување и надомест за својот ненаплатен труд, што Египќаните во тој миг, кога одвај чекале да се решат од нив, не можеле да ги одбијат. Така робовите тргнале натоварени со пленот земен од нивните угнетувачи.

Тој ден е окончана историјата откриена на Аврама со векови порано во пророчката визија: „Знај дека твоите потомци ќе бидат придојдени во туѓа земја, ќе робуваат и ќе ги мачат четиристотини

години. Но на народот, на кој ќе му служат, јас ќе му судам; потоа 282
тие ќе излезат оттаму со големо богатство“ (1. Мојсеева 15,13.14).

Тие четиристотини години изминале. „Ноќе, во истиот ден, излезе сета Господова војска од египетската земја“ (2. Мојсеева 12,41). При напуштањето на Египет, Израелците не ги заборавиле коските на Јосифа кои, како драгоцено завештание толку долго чекале да се исполни Божјето ветување, и за време на мрачните години на израелското робување го потсетувале народот на ослободувањето.

Наместо да тргнат по патот што водел директно во Ханан, но преку филистејската земја, Господ правецот на нивното движење го насочил малку јужно, кон брегот на Црвеното Море. „Зашто Бог рече: 'Да не се покае народот, кога ќе види војна, па да се врати во Египет.'“ Да се обиделе да поминат низ Филистеја, би наишле на отпор, зашто Филистејците, сметајќи ги за робови што бегаат од своите господари, не би се притеснувале да ги нападнат. Израелците не биле добро опремени да го прифатат судирот со тој силен и воинствен народ. Тие не знаеле многу за Бога и нивната вера во него била слаба па би се уплашиле и би ја загубиле храброста. Не биле вооружени и не навикнале на војна; храброста им била ослабена од долгото робување, а освен тоа, со себе воделе жени, деца и добиток. Со тоа што ги повел кон Црвеното Море, Господ им се открил не само како Бог на суд, туку и како Бог на сочувство и сомилост.

„Откако појдоа синовите Израелови од Сохот, се утврдија во Етам, при крајот на пустината. А Бог ги водеше по патот - дење во столб од облак, а ноќе во столб од оган, светејќи им.“ Псалмистот кажува: „И им простре облак како покрив и оган за да им свети ноќе“ (Псалм 105,39; види исто така и 1. Коринќаните 10,1.2). Знамето на нивниот невидлив Водач било секогаш меѓу нив. Дење облакот им бил патоводител или над нив се ширел како заштитна покривка; ги штител од сончевите горештини, а со својата сенка, свежина и влага, пружал пријатно освежување и им го олеснувал патувањето низ жешката и безводна пустина. Ноќе тој облак се претворал во огнен столб што им го осветлувал логорот и претставувал постојан доказ за Божјето присуство.

На едно од најубавите и најутешни места на пророштвото на 283
Исаија, се зборува за столбот од облак и за столбот од оган, со што се прикажува Божјата наклоност и неговата грижа за својот народ во последната голема борба со силите на злото. „И ќе создаде Господ над сета Сионска гора и над сите што ќе се собираат таму облак и дим дење, а ноќе блесок од пламнат оган; зашто слава ќе

покрива сѐ. И ќе има шатор за сенка дење од припека и засолниште и заклон од лошо време“ (Исаија 4,5.6).

Израелците оделе преку едно стушено пространство слично на пустина. Веќе почнале да се чудат каде одат. Со текот на времето се умориле, а во срцето на некои се појавил и страв дека Египќаните би можеле да тргнат во потера по нив. Но облакот без задржување продолжил напред, и тие оделе по него. Тогаш Господ го упатил Мојсеја да скршне во една карпеста клисура и да се улогорат тука, непосредно до морето. Му било откриено дека фараонот пошол во потера по нив, но дека Бог ќе се прослави ослободувајќи ги.

Во Египет се пронел глас дека синовите Израелови, наместо да се задржат во пустината заради одржување на најавеното богослужение, итно продолжуваат кон Црвеното Море. Советниците на фараонот му рекле на царот дека робовите му побегнале и дека никогаш веќе нема да се вратат. Египќаните почнале да жалат поради својата наводна лудост што смртта на своите првенци ѝ ја припишувале на Божјата сила. Нивните големци, штом се оттргнале од стравот, сите претрпени казни и неволји ги објаснувале како последица на природните појави. Нивната огорчена ујаденост се гледа од зборовите: „Што сторивме, та го пуштивме Израел да не ни служи?"

Тогаш фараонот ја собрал сета своја војска, коњаниците, војводите и пешадијата, и „зеде шестотини коли по избор и колку што уште имаше египетски коли, со нивните водачи“. Војската ја предводел царот со своите великодостојници. За да си обезбедат наклоност од боговите и со тоа да си обезбедат успех во својот потфат, со себе ги повеле и свештениците. Царот решил Израелците да ги заплаши со тоа што ќе им ја покаже сета големина на својата сила. Египќаните се плашеле дека другите народи ќе ги исмеваат што биле натерани да му се потчинат на израелскиот Бог; но ако сега кренат со голема сила и ако бегалците ги вратат, можат да ја сочуваат не само својата чест и слава, туку пак да имаат робови што ќе им служат како до сега.

284 Евреите се улогориле крај морето чијашто широчина им се чинела непремостива пречка за натамошното патување. Јужно од нив се наоѓале карпести планини низ кои исто така не можело да се помине. Наеднаш во далечината забележале сјајно оружје и воени коли како извидница на голема војска. Кога борците им се приближиле, во нив ги препознале Египќаните кои ги гонеле. Срцата на Израелците ги обзел страв. Некои му се обратиле на Господа, а мнозинството побрзале кај Мојсеја да се жалат: „Зар немаше гробови во Египет, туку нѐ изведе овде да изгинеме во пустинава? Што стори? Зошто нѐ изведе? Нели ти го кажавме ова и во

Египет, кога ти рековме: 'Остави нè да им служиме на Египќаните? Оти подобро ќе ни беше да им служиме на Египќаните, отколку да изгинеме во пустинава.'"

Мојсеј бил мошне вознемирен што неговиот народ има толку малечка доверба во Бога, иако веќе толку пати биле очевидци на Божјата сила покажана во нивна полза. Како можеле за претстојната опасност и тешкотиите во кои се нашле да го обвинуваат него кога тој постапувал исклучиво според заповедта што му ја дал Бог? Точно било дека тие не би успеале да се извлечат кога Бог не би се зазел за нивното ослободување; но бидејќи во таа положба биле доведени следејќи ги божествените упатства, Мојсеј ниту малку не се плашел од последиците. Тој на народот мирно и убедливо му одговорил: „Не плашете се, застанете и ќе видите како Господ ќе ве спаси денес: Египќаните, што ги гледате денес, нема никогаш веќе да ги видите довека. Господ ќе се бие за вас, а вие бидете спокојни."

Не било ниту малку лесно да се уверат масите на народот дека спасение треба да чекаат од Господа. Онака скудни во дисциплината и во самосовладувањето, бргу паѓале во оган и биле непромислени. Очекувале веднаш да паднат во рацете на угнетувачите и затоа со сиот глас се жалеле и викале. Чудесниот столб од облак до тогаш го сметале за прекрасен Божји знак кој им покажувал кога треба да тргнат напред, а сега се прашувале да не е тоа предзнак за некаква голема несреќа, зашто, нели можеби токму тој ги завел на спротивната страна од планината, во оваа беспатица? Така на нивниот заслепен ум Божјиот ангел им изгледал како предвесник на пропаст.

Но сега, кога египетската војска им се приближила, надевајќи се дека лесно ќе ги претвори во свој плен, величествениот облак се подигнал кон небото, преминал над Израелците и се спуштил меѓу нив и египетските чети. Меѓу прогонетите и нивните прогонувачи се поставил непровиден ѕид. Египќаните не можеле веќе да го видат 287
логорот на Евреите и биле присилени да застанат. Меѓутоа, како ноќната темнина станувала сè погуста, од тој ѕид на Евреите им доаѓала светлина што го осветлувала целиот логор.

Тогаш се вратила надежта во срцата на Израелците, а Мојсеј го подигнал својот глас кон Господа. „А му рече Господ на Мојсеја: 'Зошто викаш кон мене? Кажи им на синовите Израелови нека врват. А ти земи го својот стап и протегни ја својата рака врз морето и раздели го, и нека минат синовите Израелови среде море по суво.'"

Опишувајќи го преминот на Израелците низ Црвеното Море, псалмистот пее: „Твојот пат беше преку морето, твојата патека

преку силни води; невидливи беа твоите стапки. Ти го водеше својот народ како стадо, со раката на Мојсеја и Арона“ (Псалм 77,19.20). Кога Мојсеј го пружил стапот, водата се разделила и Израелците оделе среде морето по сува почва, а водата од страните им стоела како ѕид. Божјата светлина од огнениот столб се одблеснувала од запенавените брегови на вознемирените бранови и им ја осветлувала патеката што водела низ морето како огромна длабока бразда губејќи се во темната далечина на спротивниот брег.

„А Египќаните, гонејќи ги, појдоа по нив среде море - сите фараонови коњи, неговите коли и коњаници. А во утринската стража погледна Господ на египетската војска од столбот од оган и облак и ја доведе во забуна.“ Таинствениот облак пред нивните восхитени очи се претворил во огнен столб. Екнале грмежи и молскале молњи. „Голем шум од води се слушаше; загрме од облаците, зашто пролетуваа твоите стрели. Гласот на твојот гром се разнесуваше по небото; светкавици ја осветлуваа вселената; земјата треперешe и се тресеше“ (Псалм 77,17.18).

Египќаните ги зафатила вчудовиденост и паника. Среде необичните стихии, во кои се слушнал гласот на разгневениот Бог, се обиделе да се вратат по своите траги и да побегнат на брегот од кој пошле. Но Мојсеј го подигнал својот стап и огромните маси вода, напластени од обете страни, рикајќи морничаво и бесно по својот плен, се урнале со бучава и татнеж и во својата темна длабина ја проголтале египетската војска.

Кога осамнало утрото, израелскиот народ ги видел остатоците
288 од нивниот силен непријател - оклопени лешеви што ги исфрлило морето на пустиот брег. Една единствена ноќ била доволна да им донесе потполно спасение од најужасната опасност. Тоа огромно беспомошно мноштво за борба - неспособни робови, жени, деца и добиток, со море пред себе и со силни чети на Египќани зад себе - видело како низ водата им се отвора патека и како нивните непријатели, во мигот на очекуваниот триумф, биле удавени. Ги ослободил лично Јехова и нему му се обратиле сите срца со благодарност и вера. Своите чувства ги изразиле во пофална песна. Врз Мојсеја слегол Божјиот Дух и тој народот го повел во победоносна, благодарна химна, прва и највозвишена од сите што им се познати на луѓето:

*„Ќе го воспевам Господа, зашто славно се прослави:*
*Коњите и коњаниците ги фрли в море.*
*Помошник и закрилник ми беше во спасението.*
*Тој е Бог мој, ќе го прославувам,*

*Бог на мојот татко,*
*Ќе го превознесувам.*
*Господ ги ништи војните,*
*Името му е Господ.*
*Колите фараонови и неговата војска ги фрли в море,*
*Неговите избрани војводи се удавија во Црвено Море.*
*Бездни ги покрија,*
*Потонаа во длабочините како камен.*
*Твојата десница, Господе, се прослави со сила,*
*Твојата десна рака, Господе, го уништи непријателот...*
*Кој е како тебе меѓу силните, Господе?*
*Кој е како тебе прославен во својата светост,*
*Прекрасен во својата слава и Творец на чудеса?...*
*Со својата милост го водиш народот што го избави,*
*Го водиш со својата сила во живеалиштето на својата светост.*
*Народите ќе чујат и ќе затреперат...*
*Нека ги опфати страв и ужас,*
*Од силата на твојата рака нека онемеат како камен.*
*Додека не помине твојот народ, Господе,*
*Додека не помине твојот народ, што си го придобил.*
*Ќе ги одведеш и ќе ги сместиш на гората*
*На твоето наследство,*
*На место кое ти, Господе, си го приготвил за свое живеалиште!“*

2. Мојсеева 15,1-17

Овој возвишен фалбоспев бликал од грлата на безброј илјадници Израелови како што се издигнува глас од голема длабина. Песната ја прифатиле и израелските жени кои, кога излегле во логорот со дајриња и свирки, ги предводела Марија, сестрата на 289
Мојсеја. Веселиот фалбоспев се разлевал далеку преку пустината и морето, а планините го враќале одгласот на нивниот рефрен: „Ќе му пеам на Господа, зашто славно се прослави!"

Оваа песна и големото ослободување што е опеано во неа оставиле неизбришлив впечаток и спомен што никогаш не е заборавен кај еврејскиот народ. Од столетие во столетие ја повторувале израелските пророци и поети како доказ дека Јехова е сила и спасение за оние што му се доверуваат нему. Таа песна не е песна само на еврејскиот народ. Таа однапред укажува на уништувањето на сите непријатели на правдата, и на крајната победа на Божјиот народ. Пророкот од Патмос ги видел „оние што победија“ „како - облечени во бело - стојат на стаклено море со Божји харфи во своите раце“,

„и ја пееја песната на Божјиот слуга Мојсеј, и песната на Јагнето“ (Откровение 15,2.3).

„Не нам, Господе, не нам, туку на своето име дај му слава, заради твојата љубов и верност“ (Псалм 115,1). Со таков дух била проникната песната на ослободувањето на Израел, и истиот дух треба да биде во срцата на сите што го љубат Бога и што се бојат од неговото име. Ослободувајќи ја нашата душа од робувањето на гревот, Господ за секого од нас издејствувал ослободување поголемо од она што го доживеале Евреите на Црвеното Море. Слично на илјадниците Израелови, и ние треба со цело срце и душа да го фалиме „Господа за неговата милост и за неговите чудеса заради синовите човечки“ (Псалм 107,8). Оние што размислуваат за големата Божја милост и не заборавaат ниту едно добро што им го сторил Бог, се проникнати со радост и му пеат во своите срца на Господа. Благословите што ги примаме секој ден од Божјата рака, а над сè љубовта и жртвата на нашиот Спасител кој умрел за да ни ја стави во рака среќата на спасението и небесното блаженство - тоа треба да биде тема на нашето постојано благодарење. Какво милосрдие и каква неспоредлива љубов покажал Бог кон нас, загубени грешници, поврзувајќи нè со заветен однос со себе како посебно „богатство меѓу сите народи!“ Колкава жртва поднел Спасителот за ние да можеме да се наречеме Божји деца! Треба да го фалиме Господа за блажената надеж што ни е дадена и нам со големиот план на откупувањето; треба да го славиме за големото небесно наследство и за неговите прекрасни ветувања, да бидеме благодарни што Исус живее и што се залага за нас пред Отецот.

„Мене ме почитува оној“, вели Творецот, „кој принесува жртва благодарница“ (Псалм 50,23). Сите небесни жители се соединуваат во оддавањето пофхвала и слава на Господа. Да ја учиме и ние уште додека сме овде песната на ангелите за да можеме да ја пееме заедно
290 со нив кога еднаш ќе се придружиме кон нивните сјајни редови. Да кажеме со псалмистот: „Ќе го фалам Господа додека сум жив; ќе му пеам на мојот Бог додека постојам“ (Псалм 146,2). „Да те слават народите, Боже, да те слават сите народи“ (Псалм 67,5).

Во своето провидение Бог ги довел Евреите во таа клисура крај морето со цел во нивното ослободување да ја покаже својата моќ и во значителна мера да ја понижи гордоста на нивните угнетувачи. Тој можел да ги спаси и на друг начин, но го одбрал токму овој за да ја испита нивната вера и да ја засили нивната доверба во него. Тие биле папсани и вџашени, но да не послушале кога Мојсеј им наредил да тргнат напред, Бог не би го отворил патот пред нив. „Со вера го преминаа Црвеното Море како по сува земја“ (Евреите 11,29). Слегувајќи до водата, тие покажале дека веруваат

во Божјите зборови изговорени преку Мојсеја. Сториле сѐ што било во нивна моќ, а потоа Семожниот го разделил морето за да им создаде премин.

Големата поука што може да се извлече од ова важи за сите времиња. Животот на христијанинот често е полн со опасности, и должноста што треба да се изврши изгледа многу тешка. Вообразениот често создава слика според која пред нас се наоѓа сигурна пропаст, а зад нас ропство и смрт. А сепак, Божјиот глас јасно зборува: „Само напред!“ Ние треба да ја прифатиме таа заповед дури тогаш кога со свои очи не сме во состојба да проникнеме низ темнината на неизвесноста и кога под нозете веќе ги чувствуваме студените бранови. Колебливиот дух, кој вечно се сомнева, никогаш нема да се ослободи од пречките што го попречуваат нашето напредување. Оние што одложуваат да го послушаат овој глас сѐ додека не исчезне секоја сенка на неизвесност и додека нема веќе никаква опасност од неуспех или пораз, воопшто никогаш нема ни да послушаат. Неверувањето дошепнува: „Да почекаме додека не се отстранат сите пречки и додека не го видиме јасно патот пред себе“; но верата храбро гони напред - „сѐ верува, на сѐ се надева“.

Истиот облак, кој за Египќаните бил голем мрачен ѕид, за Израелците бил извор на светлина што го осветлувала целиот нивни логор, осветлувајќи го со своите блескотни зраци и патот што се пружал пред нив. Така често и денеска настаните, што се дело на провидението, на оние што се сомневаат им носат само темнина и очај, а на верните видело и мир. Патот по кој нѐ води Бог може да поминува и низ пустина и низ море, но тоа сепак е сигурен пат.

26

# ОД ЦРВЕНОТО МОРЕ ДО СИНАЈ

*Оваа глава е заснована на 2. Мојсеева 15,22-27; 16 - 18 глава*

Кога го преминале Црвеното Море, Израелците го продолжиле патот под водство на столбот од облак. Сцената што ги опкружувала била мошне стушена - сури и пусти планини, неплодни суви долини и бескрајно море, чиишто брегови биле покриени со лешеви на нивните непријатели; а сепак свеста дека сега се слободен народ ги исполнувала со радост, и затоа секоја помисла на незадоволство исчезнала.

Но, се случило на патот по кој оделе три дена да не можат да најдат вода. Резервите што ги понеле веќе биле потрошени. Немале ништо со што би ја угасиле својата огнена жед на мачното одење пеш низ жешката рамнина. Мојсеј, кој добро ја познавал таа околина, го знаел она што другите не го знаеле, дека водата во Мера, најблиското место каде што имало извор, не е за пиење. Со најголема загриженост го посматрал облакот што ги води. Срцето му се кинело кога слушнал како низ колоната се пронесува радосен извик: „Еве вода, еве вода!“ Мажите, жените и децата почнале радосно да се тискаат околу изворот, кога наеднаш, сите очајно извикнале: „Водата е горчлива!“

Со ужасен страв и очај му префрлале на Мојсеја што ги повел по тој пат, заборавајќи дека сам Бог од оној таинствен облак го водел и Мојсеја исто како и нив. Во својата болка поради неволјата што ги снашла, Мојсеј го сторил она што тие заборавиле да го сторат: Тој сесрдно почнал да пека пред Господа за помош. „И Господ му покажа дрво. Тој го фрли дрвото во водата, и водата стана слатка.“ На тоа место на Израелците преку Мојсеја им било дадено ветување: „Ако го послушаш добро гласот на твојот Господ Бог, ако правиш што е угодно пред неговите очи, ако ги слушаш неговите заповеди, ако ги пазиш сите негови наредби, нема да ти пуштам ниедна од болестите што ги пуштив над Египет, зашто јас сум твој Господ Бог исцелител.“

Од Мера народот отишол во Елим, „каде што имаше дванаесет извори и седумдесет палми“. Тука останале неколку дена пред да влезат во пустината Син. Еден месец по излегувањето од Египет, првпат направиле логор во пустина. Резервите во храна почнале да се намалуваат. Во пустината имало многу малку трева, и затоа стадата почнале да им се намалуваат. Како да се прехрани толкаво мноштво? Пак во нивното срце се појавило сомневање, и повторно почнале да се жалат. Дури и водечките луѓе и старешините се согласиле со мнозинството и се жалеле против од Бога определеното водство на Мојсеја и Арона. „О да бевме умреле од раката Господова во египетската земја, кога седевме покрај котлите со месо и јадевме леб до насит! Нѐ изведовте овде во оваа пустина за да го умрете целово ова мноштво со глад.“ 292

Тие не гладувале, нивните природни потреби биле задоволени, но се плашеле од иднината. Не можеле да сфатат како толку голем народ ќе опстане одејќи низ пустина, а во својата вообразба веќе виделе како децата им гладуваат. Господ дозволил да ги снајдат тешкотии и дозволил да им се намали храната со цел тие со сето срце да му се обратат нему кој до тогаш ги избавувал од секоја неволја. Кога во случај на потреба би му се обратиле нему, Тој би им дал доказ за својата љубов и грижа. Тој ветил дека нема да пушти ниту една болест на нив ако ги држат неговите заповеди. Претпоставката дека тие или нивните деца ќе умираат од глад била само резултат на нивното грешно неверување.

Бог им ветил дека Тој ќе биде нивни Бог, дека ќе ги издели како свој одбран народ и ќе ги одведе во голема и добра земја. Но тие пред секоја пречка на која попатно наидувале, ја губеле храброста. Тој ги извел од Египет на толку чудесен начин за да ги издигне, да ги облагороди и да ги стори слава на земјата. Меѓутоа, тешкотиите и скудноста биле неопходни заради самите нив. Бог ги избавил од состојба на пониженост и ги удостоил за почесно место меѓу народите и за значајна и света доверба. Кога би имале вера 293
во Бога во врска со сѐ што правел Тој за нив, со радост и лесно би ги поднесувале сите непријатности, скудности и страдања; но тие немале доверба во Господа, иако биле очевидци на постојани докази за неговата сила. Го заборавиле своето горко робување во Египет. Ја заборавиле благосостојбата и Божјата сила пројавена во нивна полза при нивното ослободување од ропство. Заборавиле како нивните деца биле поштедени кога ангелот извршител ги погубил сите првенци во Египет. Ја заборавиле големата манифестација на Божјата сила над Црвеното Море. Заборавиле дека војската на нивниот непријател, кој се обидел да ги гони, ја проголтала морската вода, додека тие сигурно преминале по патеката приготвена

за нив. Ги виделе и ги чувствувале само своите моментни незгоди и тешкотии и наместо да велат: „Бог направи големо дело за нас и од немоќни робови создаде голема нација“, зборувале само за тешкотиите на патувањето и се прашувале со недоумица кога најпосле ќе заврши нивното тешко лутање.

Историјата за доживувањето на Израел во пустината е запишана за наука на Божјиот Израел сѐ до крајот на времето. Записите за Божјето постапување со патниците во пустината, за сите нивни талкања, страдања од глад, од жед и умор и за потресното пројавување на неговата сила во нивна полза, се полни со опомени и поуки за неговиот народ во сите времиња. Различните искуства што ги стекнале Евреите тука, претставувале подготвителна школа за животот во Ветената хананска земја. Бог сака неговиот народ во овие денови со понизно срце и со претприемчив дух да ги проучи искушенијата низ кои поминувал стариот Израел за да може од тоа да извлече поука во својата подготовка за небесниот Ханан.

Осврнувајќи се на Израелците, мнозина се чудат на нивното неверство и поплаки и им се чини дека тие не би биле толку неблагодарни. Меѓутоа, секогаш кога нивната вера ќе се стави на каква било проверка, тие не покажуваат поголема постојаност ниту трпение отколку што покажал стариот Израел. Кога ќе западнат во тешкотии, тие се жалат против постапките со кои Бог сака да ги облагороди. Иако сите моментни потреби им се задоволени, сепак, не се подготвени грижата за иднината да му ја препуштат на Бога, туку постојано се згрижени да не осиромашат и децата да не им бидат оставени да страдаат. Некои секогаш предвидуваат само зло, зголемувајќи ги претстојните тешкотии така што и не ги гледаат сите оние благослови за кои би требало да бидат благодарни. И наместо тешкотиите што наидуваат во животот да ги
294 наведат за помош да му се обратат на Бога, на единствениот Извор на сила, тие уште повеќе ги оддалечуваат од него, зашто кај нив предизвикуваат незадоволство и нерасположение.

Дали е добро да бидеме толку маловерни? Зошто би биле неблагодарни и недоверливи? Исус е наш пријател; цело небо е заинтересирано за нашето добро, а нашите грижи и стравувања го жалостат Светиот Дух. Да не ѝ попуштаме на загриженоста која само нѐ нагризува, нѐ заморува и нѐ исцрпува, а во поднесувањето на искушенијата не претставува никаква помош. Не треба да бидеме недоверливи кон Бога и окупирани само со овој свет како нашата среќа да се состои само од материјалните богатства. Божја волја не е неговиот народ да биде притиснат со грижи. Меѓутоа, Христос не кажува оти на нашиот животен пат нема да има никакви опасности. Тој не ветува дека својот народ ќе го издели

од светот полн со грев и зло, туку нè упатува кон прибежиштето што никогаш не изневерило. Сите уморни и со грижи натоварени Тој ги повикува: „Дојдете кај мене сите кои сте уморни и натоварени - јас ќе ве одморам." Отфрлете го јаремот на стравот и на земните грижи што самите сте го ставиле на својот врат и „земете го мојот јарем на себе и научете се од мене, зашто јас сум кроток и понизен во срцето и ќе најдете покој за своите души" (Матеј 11,28.29). Во Бога можеме да најдеме мир и спокојство и сите свои грижи можеме да му ги препуштиме нему, зашто Тој се грижи за нас (види 1. Петрово 5,7).

Апостол Павле кажува: „Браќа, гледајте кај некого од вас да не се најде лошо срце на неверство па да отстапи од живиот Бог" (Евреите 3,12). Имајќи го предвид сè она што го сторил Бог за нас, нашата вера треба да биде силна, делотворна и постојана. Наместо да мрмориме и да се жалиме, секогаш од нашето срце нека излегуваат зборовите: „Слави го душо моја Господа! Сè што е во мене нека го слави неговото свето име! Слави го душо моја Господа и не заборавај ниту една негова добрина" (Псалм 103,1.2).

Бог не ги заборавил потребите на Израелците. Тој му рекол на нивниот водач: „Еве, ќе пуштам да паѓа леб од небото." На народот му било дадено упатство секој ден да собере колку што му треба, а шестиот ден двапати повеќе, за да се одржи почитувањето на саботата.

Мојсеј го уверувал народот дека неговите потреби ќе бидат задоволени: „Вечерва Господ ќе ви даде месо да јадете, а утре изутрина леб до наситка; оти го чу Господ вашиот вик, што го дигнавте против него." Потоа додал: „Кои сме ние? Вашиот вик 295
не е против нас, туку против Бога." Потоа му наредил на Арона да им каже: „Пристапете пред Господа зашто го слушна вашиот вик." И додека Арон им зборувал: „Тие погледнаа во пустината, а тоа - славата Господова се појави во облак." Божјето присуство претставувало сјај каков што до тогаш никогаш не виделе. Со помош на појавата која дејствувала врз нивните сетила, тие требало да стекнат претстава за Бога. Морале да бидат поучени дека нивниот водач не е само еден човек каков што е Мојсеј, туку Семожниот, за да се бојат од неговото име и да го слушаат неговиот глас.

Предвечер целиот логор го наткрилиле големи јата потполошки, така што имало доста месо за сите. А изутрината „беше паднала роса околу таборот, и ете, кога се крена росата, а тоа - по пустината лежи нешто ситно, како коријандер, зрнесто, бело како слана по земјата." Мојсеј рекол: „Тоа е лебот што ви го даде Господ да го јадете." Народот собирал мана и се видело дека собрале токму толку колку што било неопходно да се задоволат потребите на

сите. „Народот одеше да ја собира и ја мелеше со рачница, и ја толчеше во вагани, и ја вареше во котли, па правеше од неа питки“ (4. Мојсеева 11,8). А по вкус била “како медни слатки“. Им било кажано да собираат секој ден по еден гомор за секое лице и ништо не смееле да остават за следниот ден. Некои се обиделе преостанатата резерва да ја сочуваат за утредента, но се покажало дека таа следниот ден била неупотреблива. Сѐ што било неопходно за дневна употреба, морале да го соберат наутро, зашто тоа што останувало на земјата се топело на сончевата топлина.

Кога собирале мана се случувало некои да соберат повеќе, а некои помалку од предвиденото количество; меѓутоа, кога „мереа со гомор, оној што беше собрал повеќе, излишок немаше, а оној помалку - немаше недостиг“. Во второто послание до Коринќаните апостол Павле го објаснува овој библиски запис и дава практична поука: „Зашто не сакам на другите да им биде лесно, а вам - тешко, туку подеднакво; сегашниот ваш одвишок да го дополни нивниот недостиг, и нивниот одвишок да послужи за вашиот недостиг, па да има еднаквост. Како што е напишано: ’Кој собра многу, немаше одвишок, и кој малку, немаше недостиг’“ (2. Коринќаните 8,13-15).

Шестиот ден народот собрал „по два гомора за секого“. Старешините побрзале да го известат Мојсеја за тоа што се случило. Тој
296 одговорил: „Еве ја заповедта што ја кажа Господ - утре е саботен ден, свет одмор за Господа; што ќе печете - печете, и што треба да варите - варете денеска, а што ќе преостане, соберете го и пазете го за утре.“ Тие постапиле така и ништо не се расипало. „И рече Мојсеј: ’Јадете го тоа денеска, бидејќи денеска е сабота посветена на Господа; денеска нема да најдете мана во полето.’“

Бог бара неговиот свет ден и денеска да се празнува и да биде свет како и во времето на Израелците. Оваа заповед, дадена на Евреите, сите христијани треба да ја прифатат како налог на Јехова кој исто така се однесува и на нив. Денот што ѝ претходи на саботата треба да се искористи како ден за подготовка со цел подготвени да ги пречекаме светите мигови. Во никој случај не треба да си дозволиме себеси поради своите работи да ја пречекориме границата на тоа свето време. Бог наредил да се води грижа за болните и за оние што страдаат; според тоа, сѐ што е потребно да се сврши заради олеснување на нивната состојба, претставува дело на милосрдие, а не престап на саботниот ден. Меѓутоа, треба да се одбегнува секоја непотребна работа. Мнозина од немарност, некои ситни работи што можеле да ги завршат во петок, ги одложуваат до почетокот на саботниот ден. Такво нешто не треба да постои. Работата што била занемарена до почетокот на саботниот ден треба да се остави незавршена додека не помине сабота. Тоа

за оние што се немарни и заборавни би можело да послужи како потсетник своите работи во текот на шесте работни денови да ги извршуваат совесно и промислено.

Во текот на своето долго патување низ пустината Израелците секоја седмица биле очевидци на тројно чудо што требало во нивната душа да ја вреже свеста за значењето и за светоста на саботата. Шестиот ден паѓало двојно количество мана, а седмиот ден воопшто не паѓала. Освен тоа, само оној дел што бил наменет за сабота не се расипувал преку ноќта, додека инаку маната оставена за утредента редовно се расипувала.

Околностите во врска со давањето на мана даваат убедливи и непобитни докази дека празнувањето на саботата не било воведено дури кога е даден законот на Синај, како што мнозина тврдат. За задолжителноста на празнувањето на саботата Израелците знаеле уште пред да стигнат на Синај. Светоста на денот за одмор постојано им била предочувана на тој начин што секој петок морале да соберат двојно количество мана за да имаат за сабота, кога таа воопшто не паѓала. А кога некои од народот и во сабота излегле 297
да собираат мана, Господ поставил прашање: „До кога ќе се противите на моите заповеди и на мојот закон?“

„А синовите Израелови јадеа мана четириесет години, додека не дојдоа во земјата во која ќе живеат; јадеа мана додека не стигнаа до границата на хананската земја.“ Во текот на четириесет години тие со ова чудесно снабдување секој ден биле потсетувани на постојаната Божја грижа и љубов. Според зборовите на псалмистот, Бог им давал „небесен леб... Човек јадеше ангелски леб“ (Псалм 78,24.25). Тоа била храна што ја приготвувале за нив ангелите. Хранети со небесен леб, тие секојдневно примале очигледна поука дека, имајќи го Божјето ветување, се обезбедени со животните потреби исто толку сигурно како во плодните рамнини на хананската земја да ги опкружувале брановидните полиња со зрело жито.

Маната што паѓала од небото и ги одржувала Израелците, симболично го претставувала Оној кој „е Божји леб... кој слегува од небото и му дава живот на светот“. „Јас сум леб на животот“, кажува Исус. „Вашите татковци јадеа мана во пустината и умреа. А ова е леб што доаѓа од небото... Кој јаде од овој леб ќе живее вечно; а лебот што ќе го дадам јас е моето тело што ќе го предадам за живот на светот“ (Јован 6,33.48.51). И меѓу благословите ветени на Божјиот народ за идниот живот стои напишано: „На оној што победува, ќе му дадам да јаде од сокриената мана“ (Откровение 2,17).

Напуштајќи ја пустината Син, Израелците се преместиле во Рафидин. И тука немало вода, па тие пак се посомневале во Бож-

јето провидение. Во своето слепило и дрскост тие му се обратиле на Мојсеја со провокативно прашање: „Дај ни вода да пиеме.“ Но тој не го загубил трпението, туку им одговорил: „Зошто се карате со мене? Зошто го искушавате Господа?“ Во својот гнев и лутина тие викале: „Зошто нѐ изведе од Египет и нас, и нашите синови, и нашиот добиток за да нѐ помориш со жед.“ Откако увиделе дека се плачат при големо изобилие на храна, тие, срамејќи се, си спомнувале за своето неверие и мрморење и ветиле дека во иднина ќе имаат доверба во Господа; но набргу ги заборавиле своите ветувања и веќе при првата проверка се покажало дека немаат вера. Столбот од облак што ги водел им изгледал како завеса зад која се крие некоја страшна тајна. А Мојсеј - кој е тој? - се прашувале; и со каква цел нѐ изведе од Египет? Срцата им биле полни со сомневање и со недоверба и дрско го обвиниле дека со глад, со
298 жед и со несреќи сака да ги уништи и нив и нивните деца за да се добере до нивниот имот. Во луњата на јарост, бес и очај, за малку што не го каменувале.

Со болка и тага Мојсеј пекал пред Господа: „Што да правам со овој народ?“ Му било наредено да ги земе со себе старешините Израелови и стапот со кој во Египет правел чуда и да излезе пред народот. Тогаш му рекол Господ: „А јас ќе стојам пред тебе онаму кај карпата на Хорив; а ти тогаш удри во карпата и од неа ќе потече вода и народот ќе пие.“ Тој послушал и постапил така и бликнал млаз жива вода која била доволна за целиот логор. Наместо да му нареди на Мојсеја да го подигне својот стап, како некогаш во Египет, да повика некоја страшна казна врз оние што предводеле во тоа неоправдано мрморење, Господ во својата голема милост сторил тој стап да биде орудие на нивно ослободување.

„Разби карпа во пустината и ги напои како од голема бездна. Од карпата изведе вода, и води потекоа како реки“ (Псалм 78,15.16). Мојсеј удрил во карпата, но Божјиот Син бил Тој кој, обвиен со облак, стоел крај него и Тој ја извел животворната вода од каменот. Славата Господова ја виделе не само Мојсеј и Израелските старешини, туку и сиот народ што стоел на извесна оддалеченост. Да не бил облакот, тие сите би загинале од страшниот сјај на Оној кој бил во облакот.

Во својата жед народот го искушавал Бога велејќи: „Дали е Господ меѓу нас или не?“ - „Ако Господ нѐ доведеваму, тогаш зошто не ни дава и вода како што ни даде леб?“ Неверувањето покажано на ваков начин претставувало злосторство и Мојсеј се уплашил да не ги снајде Божја казна поради тоа. Затоа она место го нарекол Маса и Мерива, што значи „искушение“ и „кавга“, со цел тоа да ги потсетува на нивниот грев.

А тогаш им се заканила нова опасност. Поради тоа што се буннеле против Господа, Тој дозволил да ги нападнат нивните непријатели. Едно диво и воинствено племе, Амалици, кое живеело во тој крај, се подигнало против Израелците и ги погубило оние што биле уморни и папсани и што заостанале. Знаејќи дека поголемиот дел од неговиот народ не е подготвен за битка, Мојсеј му наредил на Исуса Навина од одделни племиња да собере чета борци и следниот ден да ја поведе против непријателите, додека тој сам со Божјиот стап во рака ќе стои на една височинка недалеку од 299
нив. Според тој распоред, Исус Навин го нападнал непријателот следниот ден, додека Мојсеј, Арон и Ор стоеле на едно ритче од кое можела да се посматра битката. Мојсеј се молел на Бога за победа на Израелците држејќи ги рацете издигнати кон небото и Божјиот стап во десната рака. Како битката се разгорувала, се видело дека Израелците победувале сè додека Мојсеј ги држел рацете издигнати кон небото, а штом би ги спуштил, веднаш би надвладувал непријателот. Кога Мојсеј се уморил, Арон и Ор му ги потпреле рацете и така му ги држеле сè до зајдисонце, кога непријателот бил натеран да се повлече.

Држејќи му ги рацете на Мојсеја, Арон и Ор му покажале на народот дека на сите им била должност да го поддржуваат во неговата тешка задача додека требало да прима заповеди од Господа и да им ги пренесува ним. И ставот на Мојсеја бил значаен бидејќи покажува дека Бог судбината на народот ја зел во свои раце. Сè додека тие имале доверба во него. Тој се борел за нив и ги совладувал нивните непријатели. Но штом се одвоиле од него и се потпреле врз своите сопствени сили, биле послаби дури и од оние кои не знаеле за Бога и непријателите ги победувале.

Како Евреите што победувале додека Мојсеј ги држел рацете подигнати кон небото и за нив се молел на Бога, така и Божјиот Израел ќе победува сè додека ќе има цврста вера во својот силен Помошник. Но божествената сила сепак мора да биде поврзана со човечките напори. Мојсеј не верувал дека Бог ќе ги победи непријателите ако Израел биде пасивен. Додека големиот водач пекал пред Господа, Исус Навин со своите храбри борци вложувал крајни напори да ги совлада непријателите на Израел кои во исто време биле и Божји непријатели.

Бидејќи Амалик бил совладан, Бог му наредил на Мојсеја: „Запиши го тоа за спомен во книгата, и објасни му на Исуса да помни дека сосема ќе го избришам споменот за Амалика од под небото.“ Непосредно пред својата смрт, големиот водач на својот народ свечено му наложил: „Помни како постапи со тебе Амалик, додека бевте на пат, откако излеговте од Египет; како те пречека

на патот и ги погуби сите што заостанаа, кога ти беше уморен и папсан, зашто тој не се боеше од Бога... Избриши го името на
300 Амалик од под небото; да не заборавиш“ (5. Мојсеева 25,17-19). Господ за тој безживотен народ го рекол уште и ова: „Бидејќи рака се крена против престолот Господен, Господ ќе војува против Амалика од колено до колено.“

Амалиците не биле неупатени во врска со Божјиот карактер и со неговата суверена власт, но наместо да се бојат од него, решиле да ѝ пркосат на неговата сила. Тие ги исмевале чудата и знаците што ги сторил Бог преку Мојсеја пред Египќаните и им се подбивале на околните народи кои се плашеле од тоа. Се заколнувале пред своите богови дека ќе ги уништат Евреите, ниеден нема да им побегне, и дрско се фалеле верувајќи дека израелскиот Бог е немоќен да им се противстави ним. Ним Израелците не им сториле никаква неправда ниту на кој било начин ги загрозувале. Нивниот напад со ништо не бил предизвикан. Обидот да го уништат Божјиот народ бил само излевање на омраза и пркос кон Бога. Амалиците долго биле грешници, чијашто „рака се дига на секого“, и нивните злосторства пекале пред Бога за одмазда, но сепак Тој во својата милост сè уште ги повикувал да се покаат; но кога се устремиле врз уморните, папсани и незаштитени од крајните редови на Израел, тогаш ја запечатиле судбината на својата нација. Бог посебно им е наклонет на најслабите меѓу своите деца. Ниту една свирепа постапка во угнетувањето на слабите и незаштитените не останува на небото незабележана. Божјата рака се подава како штит над сите што го љубат и се бојат од него, и луѓето нека внимаваат да не ја удрат таа рака, зашто таа држи меч на правдата.

Недалеку од местото каде што се улогориле Израелците, било родното место на Јотора, дедото на Мојсеја. Дознавајќи за ослободувањето на Евреите, Јотор тргнал да ги посети и да му ги одведе на Мојсеја жена му и неговите два сина. Големиот водач преку весник веќе бил известен за нивното доаѓање и со радост им излегол во пресрет. По првите поздрави, ги одвел во својот шатор. Кога на патот за Египет се соочил со опасности врзани за ослободувањето на Израел од ропството, тој своето семејство морал да го врати назад, но сега повторно можел со радост да ужива во нивно друштво. На Јотора му ги раскажл сите чудеса што ги направил Бог за својот народ, а патријархот се радувал и го славел Господа. Потоа, заедно со Мојсеја и со Израеловите старешини, принесувал жртви и празнувал празник посветен на Божјето милосрдие.

Останувајќи извесно време во логорот, Јотор забележал колку голем товар го притиска Мојсеја. Да одржи ред и мир среде толкаво мноштво необразовани и потполно неуки луѓе навистина

била тешка задача. Мојсеј бил нивни признат водач и судија, па
требало да решава не само прашања од општо народно значење, 301
туку и да расудува и за одделни меѓусебни недоразбирања и судири меѓу народот. Тој тоа го прифатил, зашто на тој начин му се давала можност да ги поучува и да ги упатува, што се гледа и од неговите зборови: „Им ги кажувам Божјите наредби и неговите закони." Но Јотор му ставил забелешка на тоа: „Ќе се измориш и ти и сиот народ кој е со тебе, зашто таа работа е многу тешка за тебе; ти сам не можеш да ја извршуваш" Потоа го советувал Мојсеја да одбере луѓе и да ги постави едни над илјада, други над сто, па над педесет и над десетмина и тоа „луѓе чесни, кои се бојат од Бога, луѓе праведни кои мразат мито". Нивна задача била да судат за сите поситни работи, додека потешките и поважни случаи требало да бидат изнесувани пред Мојсеја. „Ти биди посредник пред Бога за народот, и нивните работи соопштувај му ги на Бога. И учи ги на Божјите наредби и на неговиот закон, и покажувај им го неговиот пат по кој треба да одат и делата што треба да ги вршат." Тој совет бил прифатен и придонел не само да му биде полесно на Мојсеја, туку и да се заведе посовршен ред кај народот.

Бог многу го ценел Мојсеја и правел чуда со неговата рака. Меѓутоа, фактот што тој бил одбран за учител над други не го навел на заклучок дека нему не му се потребни никакви поуки. Од Бога одбраниот водач на Израел радо го прифатил предлогот на богобојазливиот мадијански свештеник и неговиот план го усвоил како мудро решение.

Од Рафидин народот го продолжил патот следејќи го столбот од облак. Патот ги водел низ безводни долини, стрмни угорнини и карпести клисури. Често, поминувајќи низ песочни пустини, гледале пред себе карпести масивни планини кои како огромни бариери се испречувале на нивниот пат, па им се чинело дека секое натамошно движење е оневозможено. Но кога им се приближувале, меѓу планините забележувале клисури и премини, а зад нив нови рамнини. Така сега морале да преминат низ една од тие длабоки клисури. Тоа била величествена и возбудлива глетка. Меѓу карпестите масиви, кои од обете страни се издигнувале стотици метри во височина, се движела како река колоната Израелци и нивните стада овци и говеда и се губела во далечината сè додека можело да допре окото. А сега пред нив, во свечена величественост, се издигнувал масивот на синајскиот врв. Столбот од облак се задржал на самиот негов врв, а народот во подножјето ги поставил своите
шатори. Тука требало да се задржат речиси една година. Во текот 302
на ноќта столбот од облак им осигурувал божествена заштита и додека тие спиеле, во логорот тивко паѓал небесниот леб.

Утринското руменило ги позлатило темните планински гребени, а светлите сончеви зраци проникнувале во длабоките клисури и ги поткрепиле осамените патници како зраци на милоста од Божјиот престол. На сите страни се виделе силни карпи кои со својата таинственост како да сведочеле за своето вечно постоење и величественост. Пред таа сцена на природата луѓето ги обземало чувство на свеченост и страхопочит. Човекот морал да почувствува колку е слаб и колку неговото знаење е малечко во присуство на Оној „кој ги измерил на терезија планините и ридовите“ (Исаија 40,12). Тука Израелците требало да го примат најпрекрасното откровение кое кога било им е дадено на луѓето. Тука Господ го собрал својот народ со цел светоста на своите барања да ја вреже во нивната душа, објавувајќи им го својот свет закон со свој сопствен глас. Во нивниот живот морала да настане голема и корена преобразба, зашто понижувачкото влијание на долгогодишното робување и дружење со идолопоклониците оставило свој белег во нивниот карактер и во нивните навики. Давајќи им јасна претстава за самиот себе, Бог настојувал да ги издигне на повисоко морално рамниште.

27

# ИЗРАЕЛ ДОБИВА ЗАКОН

*Оваа глава е заснована на 2. Мојсеева 19 - 24 глава*

Набргу откако се улогориле под Синај, Мојсеј бил повикан да се качи на горothe за да се сретне со Господа. Се искачувал по карпеста и стрмна патека приближувајќи се кон облакот што го криел присуството на Јехова. Тогаш Израел бил доведен во поинтимен однос со Севишниот - со цел и како заедница и како нација да се поврзе со Бога и да се стави под негово владеење. Божјата порака упатена до народот гласела:

„Сами видовте што им направив на Египќаните, и како ве изнесов, како на крилја орлови и ве приведов при себе. Па сега, ако го слушате мојот глас и го пазите мојот завет, ќе ми бидете народ избран меѓу сите народи, зашто моја е цела земја. И вие ќе ми бидете царство на свештеници и народ свет."

Мојсеј се вратил кај народот и, собирајќи ги израелските старешини, им ја соопштил божествената порака. При тоа тие одговориле: „Сè што кажал Господ, ќе правиме." Така стапиле во свечен заветен однос со Бога и се обврзале него да го прифатат за свој господар, со што станале приврзаници на неговата власт.

Потоа нивниот водач повторно се качил на гората каде што Господ му рекол: „Еве, јас ќе дојдам кај тебе во густ облак за да чуе народот како зборувам со тебе, па да ти верува секогаш." Кога попатно наидувале на тешкотии, биле склони да мрморат против Мојсеја и Арона, обвинувајќи ги дека го извеле израелскиот народ од Египет само затоа да го уништат. Меѓутоа, Господ сакал на Мојсеја да му укаже чест пред нив за во иднина да имаат доверба во него и да ги слушаат неговите упатства.

Бог сакал сцената при објавувањето на својот закон да ја стори величествена и длабоко впечатлива за да ја истакне возвишеноста на неговиот карактер и неговото значење. На народот требало живо и неизбришливо да му се предочи вистината дека сè што е во врска со служењето на Бога мора да биде примано со најголема

304 страхопочит. Господ му рекол на Мојсеја: „Слези од гората при народот и објасни му, и очисти го денес и утре, нека ги исперат своите облеки и нека се приготват за третиот ден, зашто во третиот ден ќе слезе Господ на гората Синајска пред сиот народ.“ Во текот на деновите што настапувале сето време требало да го посветат на свечена подготовка за излегување пред Божјето лице. Не смеела да остане никаква нечистотија ниту на нивното тело ниту на облеката. А бидејќи Мојсеј им укажал на нивните гревови, морале да се понизат со покајание, со пост и молитва за срцата да им бидат очистени од секое беззаконие.

Подготовките биле извршени токму онака како што било наредено; и, прифаќајќи го тоа дополнително упатство, Мојсеј наредил да се постави граница околу гората, да се создаде одреден простор, кој се сметал за свет, да не стапне во него ниту човек ниту животно. Ако некој би се осмелил да ја допре гората, веднаш би бил казнет со смрт.

Третиот ден изутрината, кога очите на сиот народ биле насочени кон гората, нејзиниот врв го покрил темен облак кој станувал сè погуст и помрачен и се спуштал сè додека целата гора не била обвиена со мрак и со страшна таинственост. Тогаш се слушнал глас од труба кој го повикал народот да излезе пред Господа, и Мојсеј ги довел до подножјето на гората. Од густиот мрак почнале да светкаат блескотни секавици придружени со силни грмежи на многубројни громови чиишто одгласи околните планини ги правеле уште пострашни. „А гората Синајска целата беше во дим, зашто Господ слезе на неа во оган; и дим се креваше од неа како дим од печка, и сета гора се тресеше силно.“ Во очите на собраното мноштво славата Господова на врвот на планината била како оган што уништува сè. „И трубата сè посилно трубеше.“ Знаците за присуство на Јехова биле толку страшни, што народот се тресел од страв и паѓал ничкум. Дури и Мојсеј извикнал: „Се уплашив и се тресам“ (Евреите 12,21).

Потоа грмежите престанале. Трубата не се слушала веќе, земјата била мирна. Пред да се слушне Божјиот глас, настапила свечена тишина. Господ го објавил својот закон зборувајќи од густата темнина што го обвивала додека стоел на гората опкружен со при-
305 дружба на ангели. Опишувајќи ја таа сцена, Мојсеј кажува: „Господ дојде од Синај, се јави на Сир, се покажа од планината Фаран и пристигна со десетици илјади свети; а од десната страна со него беа ангели. И ги заштити своите луѓе, и сите свети се во твои раце, и тие паднаа пред твоите нозе“ (5. Мојсеева 33,2.3).

Јехова се открил не само како страшно величество на судија и законодавец, туку и како милосрден заштитник на својот народ.

## 1.

**„Јас сум Господ, Бог твој, кој те изведе од земјата египетска, од домот на ропството...“**

Оној што веќе им бил познат како Водач и Ослободител, кој ги извел од Египет, кој им го отворил патот низ Црвеното Море и ги уништил фараонот и неговата војска и кој се покажал посилен од сите египетски богови - Тој сега им го објавувал својот закон.

Законот објавен во таа пригода не бил исклучиво даден само за добро на Евреите. Бог нив ги почестил со тоа што ги сторил чувари и почитувачи на својот закон. Меѓутоа, давањето на законот требало да биде свечено завештание за цел свет. Прописите содржани во Десетте Божји заповеди се однесуваат на сите луѓе, и сите треба да им се покоруваат. Тие десет куси, но содржајни и авторитативни прописи, ја опфаќаат должноста на човекот и кон Бога и кон ближните, а сите десет се темелат на големите основни начела на љубовта: „Љуби го својот Господ Бог со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја сила и со сите свои мисли, и својот ближен како самиот себе“ (Лука 10,27; види и 5. Мојсеева 6,4.5; 3. Мојсеева 19,18). Начелата содржани во тие десет заповеди сè изложени подробно и дадени во таков облик што можат да се применат на секој човек во сите животни околности и во сите прилики.

**„... Немој да имаш други богови освен мене!“**

Вечниот, жив и недосеглив Јехова, кој нема ниту почеток ниту крај, кој не е некое создадено суштество, е единствен извор на животот и творец на сè што е создадено, Оној кој сè одржува - и само нему треба да му се клањаме и да го обожаваме. На луѓето им е забрането на кого било или на што било друго да му даваат прво место во својата наклоност или служба. Ако цениме или сакаме што било друго што на некој начин води кон намалување на нашата љубов кон Бога или оди на штета на службата што му ја должиме нему, тогаш веќе од тоа си создаваме себеси друг бог.

## 2.

**„Не прави си идол, ниту каква слика од она што е горе на небото, што е долу на земјата и што е во водата под земјата; немој да им се клањаш, ниту да им служиш!...“**

306 Според втората заповед, забрането е клањање дури и на вистинскиот Бог со посредство на слики и кипови. Многу незнабожечки народи тврделе дека нивните слики се само претстави и симболи преку кои на божеството му се оддава почит, но Бог изјавил дека таквото обожавање претставува грев. Уште самиот обид Вечниот да се претстави со опипливи материјални предмети ја понижува човековата претстава за Бога. Одвратен на таков начин од неспоредливото совршенство на Јехова, умот повеќе се насочува кон материјата отколку кон Творецот. И колку човековите претстави за Бога се пониски, толку и самиот тој се понижува.

### „... Оти Јас сум Господ, Бог твој, Бог ревнител...“

Интимниот и свет однос меѓу Бога и неговиот народ е претставен со симболот на брачната врска. Бидејќи идолопоклонството всушност е духовна прељуба, Божјето незадоволство и негодување против тоа погодно се прикажани како ревнување или љубомора.

### „... Кој за гревовите на татковците ги казнува децата до трето и четврто колено на оние што ме мразат...“

Неизбежно е децата да страдаат и да ги сносат последиците на престапот на своите родители, но децата нема да бидат казнети за гревовите на татковците освен ако и самите учествуваат во нив. Меѓутоа, обично е случај децата да ја следат патеката на своите родители. Синовите стануваат соучесници во гревовите на своите татковци и според законот на наследство, а и со самото тоа што го следат нивниот пример. Лошите склоности, изопачениот апетит, пропаднатиот морал како и телесните болести и изопаченоста, се пренесуваат како наследство од таткото на синот до трето и до четврто колено. Оваа страшна вистина треба да има силно влијание врз луѓето за да ги одврати од грешниот живот.

### „...Кој покажува милост кон илјадници кои ме сакаат и ги пазат моите заповеди.“

Додека забранува клањање пред лажни богови, втората заповед содржи налог и повик упатен до луѓето да му служат на вистинскиот Бог. На оние што верно ги исполнуваат своите должности, тука им се ветува милост, и тоа не само до трето и четврто колено, како што е случај со гневот кој им се закaнува на оние што го мразат Бога, туку до илјадито колено.

## 3.

**„Не изговарај го напразно името на твојот Господ Бог, бидејќи Господ нема да го остави неказнето оној кој напразно го изговара неговото име!“**

Оваа заповед не само што го забранува кривоклетството и обичните пцости, туку го забранува споменувањето на Божјето име на лекомислен и безгрижен начин, не земајќи го во обѕир духовното значење на тој збор што треба да се изговара со најдлабока страхопочит. Лекомисленото споменување на Божјето име во обичен разговор, повикувајќи се на него во безначајни работи и изговарајќи го често неговото име, не мислејќи при тоа воопшто на него, ние го обесчестуваме. „Неговото име е свето“ (Псалм 111,9). 307
Секој треба да мисли за неговото величество, за неговата чистота и светост, со цел во срцето да му се вреже поимот за возвишеноста на неговиот карактер, а неговото свето име треба да се изговара со страхопочит и со достоинство.

## 4.

**„Помни си да го празнуваш саботниот ден! Шест дена работи и сврши ги сите свои работи! А седми ден е сабота, одмор посветен на твојот Господ Бог. Тогаш немој да вршиш никаква работа ни ти, ни твојот син, ни твојата ќерка, ни твојот слуга, ни твојата слугинка, ни твојот вол, ни твоето магаре, ниту придојденикот, кој се наоѓа кај тебе; оти за шест дена Господ ги создаде небото и земјата, морето и сѐ што е во нив; а во седмиот ден си почина! Заради тоа Господ го благослови и го посвети саботниот ден.“**

Саботата не е воведена како нешто ново, туку како ден за одмор што бил воспоставен уште при создавањето на светот. За саботата треба да размислуваме и да ја празнуваме како спомен на делото на создавањето на Творецот. Укажувајќи на Господа како Творец на небото и земјата, таа го истакнува токму она според што вистинскиот Бог се разликува од сите лажни богови. Сите што го празнуваат седмиот ден докажуваат со тоа дека му служат на Господа. Така саботата е знак на верноста на човекот кон Бога сѐ додека на земјата ќе постои некој да му служи на Бога. Четвртата заповед е единствена меѓу сите десет во која се споменува и името и звањето на Законодавецот. Таа е единствена која кажува со чиј

авторитет е даден законот. Според тоа, таа е Божји печат со кој законот е запечатен - со кој е потврдена неговата автентичност и задолжителност.

Бог на луѓето им дал шест дена определени за работа и Тој бара тие сите свои работи да ги извршуваат во текот на тие шест работни дни. Во сабота се дозволени само дела на милосрдие и она што не може да се одложи за некој друг ден; за болните и за оние што страдаат мора во секое време да се води грижа, но непотребната работа треба строго да се одбегнува. „Ако ја задржиш својата нога да не ја погази саботата, и ако во светиот ден не работиш; ако ја наречеш саботата милина, ден посветен на Господа; ако ја празнуваш и ако ја почитуваш со тоа да не се занимаваш со обични работи за да им угодуваш на своите грешни желби..." (Исаија 58,13). Меѓутоа, ова не е крај на забраните. „И не зборувајќи ниту зборови", кажува пророкот. Сите кои во сабота расправаат за деловни работи или за нив прават планови, Господ смета дека тие навистина се занимаваат со деловни потфати. Со цел саботата навистина да ни биде света, дури ни на нашите мисли не би смееле да им дозволиме тој ден да се задржуваат на земни работи. А таа заповед се однесува и на
308 сите што се наоѓаат „меѓу нашите врати". Домашните и станарите треба да ги остават на страна сите свои земни работи во текот на светите саботни часови. Сите треба да се здружат во славење на Господа, присуствувајќи на богослужение во тој свет ден.

# 5.

### „Почитувај ги својот татко и својата мајка за да ти биде добро и да поживееш долго во земјата што ти ја дава твојот Господ Бог!"

Родителите имаат право на љубов и почит повеќе од кој и да е друг. Сам Бог, кој ги задолжил за душите доверени на нивна грижа, определил родителите во првите години на детскиот живот пред децата да бидат негови претставници. Затоа, секој што го отфрла законитиот авторитет на родителите, го отфрла Божјиот авторитет. Петтата заповед бара од децата не само на родителите да им укажуваат љубов и нежност, туку и да им ги олеснат секојдневните грижи, да го пазат нивниот углед и во староста да им пружат потпора и утеха. Таа заповед бара да се почитуваат и службениците на црквата и органите на власта и сите на кои Бог им дал авторитет.

„Ова е", кажува апостолот, „прва заповед со ветување" (Ефесците 6,2). За Израелците, кои очекувале наскоро да влезат во Ханан, таа претставувала гаранција дека ќе го уживаат плодот

на послушноста - долг живот во таа добра земја; но таа има и едно пошироко значење - се однесува на севкупниот Божји Израел и ветува вечен живот на земјата ослободена од клетвата на гревот.

## 6.

### „Не убивај!"

Секоја неправедна постапка што придонесува за скусување на животот, духот на омраза („оној кој го мрази својот брат е крвник човечки") и одмазда, или попуштањето пред некоја страст што нè наведува на неправедни постапки кон другите, или кај нас предизвикува само желба да им напакостиме, е престап на шестата заповед. Исто така себичната немарност при помагањето на сиромасите и на оние што страдаат; секое попуштање себеси, непотребното лишување или претераната работа што би биле штетни за здравјето - сето тоа, во поголема или помала мера, е престап на шестата заповед.

## 7.

### „Не врши прељуба!"

Оваа заповед ги забранува не само валканите дела, туку и неморалните мисли и желби и секоја навика што би ги поттикнувала. Чистота се бара не само во надворешниот живот, туку и во тајните намери и побуди на срцето. И сам Христос, кој учел колку далекусежни се обврските на Божјиот закон, кажува дека мислата и погледот можат исто така да бидат грешни како и недозволените дела.

## 8.

### „Не кради!"

309

Оваа забрана ги опфаќа како јавните така и тајните гревови. Оваа заповед го осудува киднапирањето на луѓето и трговијата со робови и ги забранува освојувачките војни. Таа ги осудува провалите и разбојништвата. Таа бара најстрога чесност и во најситните подробности на сите животни настани. Таа ја забранува претераната заработувачка во трговијата, бара чесно да се плаќаат сите оправдани побарувања и заработувачки и прогласува дека во небесните книги секој обид човекот да го користи незнаењето, слабоста или несреќата на другите - се бележи како измама.

## 9.

**„Не сведочи лажно против својот ближен!“**

Овде се мисли на секој лажен збор, на секој обид или намера ближниот да се измами. Во самата намера човекот да се измами се наоѓа лага. Може исто така да се лаже со кимање на окото, со движење на раката или со изразот на лицето, како и со зборовите. Секое намерно претерување, секое навестување или увивање што е пресметано да предизвика погрешен или претеран впечаток, па дури и изнесувањето на фактите на таков начин слушателот да се заведе - претставува лага. Оваа заповед забранува секој обид да му се наштети на угледот на ближниот со неточно прикажување, со лошо нагодување, со озборување или со пренесување на гласишта. Дури и со намерно криење на вистината, со кое можеме да ги оштетиме другите, вршиме престап на деветтата заповед.

## 10.

**„Не пожелувај ја жената на својот ближен, не пожелувај го домот на својот ближен, ниту неговата нива, ни неговиот слуга, ни неговата слугинка, ни неговиот вол, ни неговото магаре, ниту што и да е од она што му припаѓа на твојот ближен!“**

Забранувајќи ги себичните желби што претставуваат извор на сите грешни постапки, десеттата заповед удира во коренот на сите гревови. Оној што го почитува Божјиот закон и што се воздржува дури и да не посака во себе ништо од она што му припаѓа на друг, никогаш нема да биде наведен да им стори некое лошо дело на своите ближни.

Така десетте свети прописи на Божјиот закон биле изговорени среде грмеж, пламен и чудесна манифестација на силата и величеството на големиот Законодавец. Објавувањето на својот закон Бог го придружил со пројава на својата моќ и слава со цел неговиот народ никогаш да не ја заборави таа глетка и секогаш да биде проникнат со длабока почит кон Законодавецот како Творец на небото и земјата. Исто така сакал на сите луѓе да им ја покаже светоста, значењето и вечната трајност на својот закон.

Израелскиот народ бил целосно совладан од страв. Длабоката впечатлива сила на Божјиот глас како да го надминала она што нивните растреперени срца можеле да го поднесат. Кога законот 310
им бил изложен како големо Божје мерило на праведноста, тие, како никогаш до тогаш, ја сфатиле сета одвратност на гревот и сопствената грешност во очите на светиот Бог. Со страв и со длабока почит се повлекле од горага и застанале подалеку. Потоа пекале кон Мојсеја: „Зборувај ни ти, а ние ќе слушаме; нека не ни зборува Бог за да не умреме.“ Нивниот водач им одговорил: „Не плашете се. Бог дојде за да ве испита и стравот негов да биде во вас за да не грешите.“ Но народот сепак се задржал на извесна оддалеченост и со страв втренчено ја посматрал сцената додека „Мојсеј пристапи кон мракот во кој беше Бог“.

Заслепен и понижен со ропството и со незнабоштвото, народот не бил приготвен во целост и правилно да ги сфати далекусежните начела на десетте Божји заповеди. За подобро да се сфати задолжителноста на овие заповеди и истите да се применуваат, дадени се и други прописи кои појасно ја прикажале нивната примена. Тие прописи се наречени закони поради тоа што и нив ги составила безграничната Мудрост и Праведност и што судиите требало да судат според нив. За разлика од десетте заповеди, нив ги примил само Мојсеј и тој имал задача да му ги пренесе на народот.

Првиот од тие закони се однесувал на слугите. Во старо време престапниците понекогаш биле осудувани од судиите да бидат продадени како робови. Во многу случаи доверителите ги продавале своите должници, а сиромаштијата често ги терала луѓето да се продаваат самите себе или своите деца. Меѓутоа, во никој случај не смеел Евреин да биде продаден како роб. Неговиот рок на служба бил ограничен најмногу на шест години; седмата година морал да биде пуштен на слобода. Киднапирањето на луѓе, намерните убиства и противењето на родителскиот авторитет, биле казнувани со смрт. Држењето на робови кои не биле од израелско потекло било дозволено, но и нивната личност и нивниот живот биле строго заштитени. Убивањето на роб се казнувало, а повредата што би му ја нанел неговиот господар, макар во прашање да бил и само еден заб, му давала право на слобода.

До неодамна Израелците и сами биле слуги и сега, кога тие можеле да држат слуги, морале да се пазат да не покажуваат дух на свирепост и изнудување, од што и самите толку многу страдале под власта на своите надзорници во Египет. Сеќавањето на сопственото горко робување требало да ги приготви да се ставаат во положба на слугата, да бидат љубезни и сочувствителни и со другите да постапуваат онака како што би сакале со нив да се постапува.

Посебно внимание требало да им укажат на вдовиците и сирачињата и да ги заштитат нивните права, и затоа биле пропишани
311 нежни обѕири кон нивната беспомошна состојба. „Ако ги ујадиш“, вели Господ, „и ако тие повикаат кон мене, јас сигурно ќе ги слушнам нивните молитви, и ќе се распали мојот гнев, па ќе ве погубам со меч. Така вашите жени ќе останат вдовици и вашите деца сирачиња.“ Ниту странците што би му се придружиле на Израел не смееле да бидат малтретирани ниту јадосувани. „Не угнетувај го дојденикот, зашто вие знаете каква е душата на дојденикот, бидејќи сами сте биле дојденици во египетската земја.“

Било забрането да се зема камата од сиромасите. Ако на некој сиромав му била земена облеката или покривката како залог, тоа морало да му се врати истиот ден пред зајдисонце. Оној што ќе се огрешел со кражба, морал да врати двојно. Било наредено да се почитуваат судиите и луѓето од власт, а судиите биле предупредени да не ја изврtуваат правдата, прифаќајќи лажни докази, и да не примаат мито. Било забрането лажно обвинување и клеветење, а пропишано е пријателско однесување дури и кон непријателот.

Народот уште еднаш бил предупреден на светата обврска во врска со саботата. Биле определени и годишни празници на кои сите мажи требало да се соберат пред Бога да му принесат жртва на благодарност и првите плодови од неговото изобилство. Целта на сите тие прописи била објаснета. Тие не биле наметнати само затоа што така сакал Оној кој има врховна власт, туку сето тоа било дадено за добро на Израел. Господ рекол: „Ќе ми бидете свети луѓе“ - достојни да бидете признати од светиот Бог.

Овие закони Мојсеј морал да ги запише и, заедно со плочите на десетте заповеди, за чиешто објаснување и биле дадени, грижливо се чувани како основен закон на нацијата и како услов под кој Божјите ветувања дадени на Израел ќе бидат исполнети.

Тогаш Јехова им упатил порака: „Еве, јас го праќам пред тебе мојот ангел за да те пази по патот и да те воведе во земјата што сум ти ја приготвил. Пази се и послушај го и не противи му се, оти Тој нема да ви го прости гревот, бидејќи името мое е во него. И ако извршувате сѐ што ќе ви кажам, јас ќе бидам непријател на твоите непријатели и противник на твоите противници.“ Во текот на целокупното патување и талкање на Израел, нивни водач во столбот од облак и оган бил Христос. И додека постоеле симболите што укажувале на Спасителот, чиешто доаѓање требало да се очекува во иднина, Спасителот исто така бил присутен меѓу нив. Тој на Мојсеја му давал наредби за народот и Тој бил пратен пред нив како единствен извор на благослови.

Кога слегол од гората, „Мојсеј дојде и му ги повтори на народот сите Божји зборови и сите заповеди. И сиот народ одговори во еден глас, и рече: 'Сите зборови што ги кажал Господ ќе ги помнеме и 312
ќе ги слушаме."" Тој завет, заедно со Господовите зборови што ги обврзувале да ја исполнат дадената обврска, Мојсеј ги напишал во книга.

Потоа уследило потврдување на заветот. Во подножјето на гората е подигнат олтар и крај него дванаесет столбови, „за дванаесетте племиња Израелови", како сведоштво дека заветот е прифатен. А тогаш одбрани момчиња принеле жртва.

Откако го испрскал олтарот со крвта на заклаfrom жртви, Мојсеј „ја зеде заветната книга и му ја прочита на народот". Така условите на заветот биле свечено повторени и секому му било оставено на волја да ги прифати или да ги одбие. Тие прво ветиле дека ќе го слушаат Божјиот глас. Меѓутоа, во меѓувреме го чуле објавувањето на неговиот закон и основните начела на тој закон во подробност им биле објаснети за да можат да знаат што сѐ опфаќа овој завет. И тогаш народот уште еднаш едногласно одговорил: „Сѐ што рекол Господ ќе правиме и ќе бидеме послушни." „Зашто Мојсеј, откако ги прочита сите заповеди на законот пред сиот народ, зеде крв телешка и јарешка... и ја испрска книгата и сиот народ, велејќи: Ова е крвта на сојузот (заветот) што го склучи Бог со вас" (Евреите 9,19.20).

Тогаш требало да се извршат подготовки за конечно воспоставување на избраниот народ и за негово целосно потчинување на Јехова како цар. На Мојсеја му било наредено: „Качи се при Господа ти и Арон, Надав и Авијуд и седумдесетте старешини Израелови и поклонете му се оддалеку на Господа; а да пристапи Мојсеј сам до Господа, а тие да не пристапуваат." Додека народот се молел на Бога во подножјето, овие одбрани луѓе биле повикани да се качат на гората. Тие седумдесетмина требало да му помагаат на Мојсеја во управувањето со израелскиот народ, па Бог ги надарил со својот Дух и им укажал чест да ја видат неговата сила и големина.

„И го видоа местото каде што стоеше Бог Израелов; а подножјето негово како да беше од камен сафир, со сјај како сводот небески по чистота." Тие не го виделе Бога, но ја виделе славата на неговото присуство. Порано тие не би можеле да поднесат таква глетка, но показот на Божјата сила ги исполнил со страхопочит и ги навел на покајание; тие длабоко размислувале за неговата слава, чистота и милост сѐ додека наполно не му се приближиле на Оној кој бил предмет на нивното размислување.

313
Мојсеј и Исус Навин, „кој го служеше", биле повикани заедно да излезат пред Господа. И бидејќи извесно време морале да бидат

отсутни, Мојсеј ги определил Арона и Ора, заедно со старешините, да дејствуваат наместо него. „И се искачи Мојсеј на гората, а облак ја покри планината. И беше славата Господова на гората Синајска.“ Во знак на посебно Божје присуство, шест дена гората ја покривал облак; но Господ за тоа време не им се открил ниту им ја соопштил својата волја. За тоа време Мојсеј истрајно чекал да биде повикан во присуство на Севишниот. Нему му било наредено: „Качи се кај мене на гората и остани овде“ па, и покрај тоа што неговото трпение и послушност биле ставени на проверка, сепак издржал и не го напуштил своето место. Тоа време на чекање за него било време на подготовка и на темелно самоиспитување. Дури ни тој повластен Божји слуга не можел веднаш да пристапи кон Бога и да ја издржи манифестацијата на неговата слава. Му биле потребни шест дена да се посвети на Бога, предавајќи се на тивка молитва и испитувајќи го своето срце пред да може да биде приготвен непосредно да разговара со својот Творец.

Седмиот ден Мојсеј е повикан да влезе во облакот, а тој ден била сабота. Густиот облак се отворил пред очите на сиот израелски народ, а Божјата слава заблескотела како жив оган. „И Мојсеј влезе среде облакот и се качи на гората; и остана Мојсеј таму четириесет дена и четириесет ноќи.“ Во четириесетдневниот престој на гората не се вклучени и шесте дена на подготовка. Тие шест дена со Мојсеја бил и Исус Навин и заедно јаделе мана и пиеле од потокот што извирал од гората. Но Исус Навин не влегол со Мојсеја во облакот. Тој останал надвор и натаму чекајќи го Мојсеја да се врати, и за тоа време секој ден земал храна и вода, додека Мојсеј постел сите четириесет дена.

Додека престојувал на гората, Мојсеј примил упатство за градење на Светилиште во кое Божјето присуство требало да се открие на посебен начин. „Нека ми направат Светилиште за да престојувам меѓу нив!“ (2. Мојсеева 25,8) - гласела Божјата наредба. И по третпат било нагласено празнувањето на саботата. „Тоа е знак меѓу мене и синовите Израелови довека...“ „За да знаете дека јас сум Господ, кој ве посветувам. Пазете ја, пак, саботата, оти таа е света... бидејќи секој, кој ќе врши некаква работа во тој ден, таа душа нека се истреби од својот народ“ (2. Мојсеева 31,17.13.14). Биле
314 дадени упатства веднаш да се направи шатор за состанок во кој ќе се одржува богослужение; и тогаш народот можел да заклучи дека во градењето на тој објект, кој требало да служи на слава на Бога, и кој како место за одржување на богослужение им бил толку потребен, можат да работат и во сабота. За да не западнат во таква заблуда, им било дадено ова предупредување во врска со празнувањето на саботата. Дури ни светоста ни неопходната

итност на оваа посебна работа за Господа не смеела да ги наведе да го престапат неговиот свет ден.

Од тогаш народот требало да биде почестен со постојано присуство на својот Цар. „Ќе пребивам меѓу синовите Израелови и ќе им бидам Бог.“ „И ќе ја осветам скинијата на сведоштвото со мојата слава“ (2. Мојсеева 29,45-49), гласело уверувањето дадено на Мојсеја. Како симбол на Божјиот авторитет и олицетворение на неговата волја, на Мојсеја му бил предаден препис од заповедите напишан со Божји прст на камени плочи (5. Мојсеева 9,10; 2. Мојсеева 32,15.16), со цел да се чуваат во свет заветен ковчег во Светилиштето кое требало да претставува видлив центар на националното богослужение.

Израелците од племиња на робови биле издигнати над сите други со цел на Царот над царевите да му бидат посебно „богатство меѓу сите народи“. По Божје провидение тие биле изделени од светот за да може да им се укаже света доверба. Бог ги сторил чувари на својот закон и имал намера преку нив да го сочува меѓу луѓето знаењето за себе. Така требало на светот, обвиен во темнина и мрак, да му засвети небесна светлина и да се слушне глас кој сите народи ќе ги повика да ги напуштат своите идоли и да му служат на живиот Бог. Кога Израелците би му останале верни и кога би ја оправдале светата доверба што им била укажана, би станале голема сила во светот. Бог би бил нивни заштитник и одбрана и би ги издигнал над сите други народи. Преку нив на светот би му се откривала неговата светлина и вистина, и тие, под негова мудра и света управа, би претставувале очигледен пример за тоа колку служењето на Бога е повозвишено од секој вид идолопоклонството.

# 28

# ИДОЛОПОКЛОНСТВОТО НА СИНАЈ

*Оваа глава е заснована на 2. Мојсеева 32 - 34 глава*

Времето на Мојсеевото отсуство за Израел било време на чекање и неизвесност. Народот знаел дека тој со Исуса Навина отишол на горoccupied и влегол во густиот облак кој, како што можело да се види од долината во подножјето, го обвивал врвот на планината и од кој од време на време блеснувал знак на божественото присуство. Тие желно очекувале тој да се врати. Навикнати уште додека биле во Египет божествата да ги претставуваат со нешто видливо, им било тешко да веруваат во некое невидливо суштество, па потпирач за својата вера наоѓале во Мојсеја. Но тогаш тој им бил одземен. Поминувале денови и седмици, а тој не се враќал. Иако облакот сè уште можел да се види, за мнозина во логорот се чинело дека нивниот водач засекогаш ги напуштил или дека го проголтал огнот што уништува.

Во тој период на чекање имале време да размислуваат за тукушто објавениот Божји закон и да ги приготвуваат своите срца за примање на нови откровенија што можеле да им бидат дадени. За тоа дело не им преостанало премногу време; и кога би настојувале појасно да ги сфатат Божјите барања и би ги понизиле своите срца пред него, би биле сочувани од искушението. Но тие не постапиле така, па набргу станале безгрижни, невнимателни и наклонети кон беззаконие. Тоа посебно се однесувало на таканаречената „светина“ - џган луѓе Египќани што им се придружиле при излегувањето од Египет и се помешале со нив. Тие биле нестрпливи и не можеле да почекаат да влезат во ветената земја, во земјата во која течело мед и млеко. Меѓутоа, таа добра земја им била ветена само под услов на послушност, а тоа тие го загубиле од вид. Некои предлагале да се вратат во Египет; но, било да се оди назад во Египет, или да се продолжи во Ханан, мнозинството на народот решиле Мојсеја да не го чекаат веќе.

Чувствувајќи се беспомошни во отсуство на својот водач, тие се вратиле на своето старо суеверие. „Светината“ прва станала

нестрплива и почнала да негодува; тие што му се придружиле на 316
Израел и се помешале со него предводеле во отпадот што уследил. Меѓу предметите и животните што Египќаните ги сметале како симболи на божествата биле и волот или телето; и на предлог на оние кои во Египет биле навикнати на таков вид идолопоклонство, направиле теле и почнале да му се клањаат. Народот сакал да има некаква видлива претстава за Бога кој ќе оди пред нив наместо Мојсеја. Бог не дал никаква своја слика и забранил секоја материјална претстава што би служела за таа цел. Големите и возбудливи чуда направени во Египет и на Црвеното Море требало да ја засилат и да ја зацврстат нивната вера во него како невидлив и семожен помошник на Израелците - како единствен вистински Бог. И нивната желба за некаква видлива манифестација на неговото присуство била задоволена со појавувањето на столбот од облак и оган што го водел народот, и во покажувањето на неговата слава на Синајската гора. Меѓутоа, додека облакот на Божјето присуство уште бил пред нив, тие во своето срце се вратиле на египетското идолопоклонство и славата на вистинскиот и невидлив Бог ја претставиле со лик на еден вол.

За време на Мојсеевото отсуство судскиот авторитет му бил доверен на Арона, и околу неговиот шатор се собрала огромна маса со решително барање: „Стани и направи ни богови што ќе одат пред нас, зашто не знаеме што се случи со оној човек, со Мојсеја, кој нѐ изведе од египетската земја.“

Тврделе дека облакот што ги водел до тогаш, сега постојано и неподвижно мирува на горат а и дека нема веќе да ги води. Според тоа, наместо него тие морале да направат идол (кип); и, ако решат, како што веќе било предложено, да се вратат во Египет, тогаш очекувале од Египќаните да бидат прифатени ако пред себе го носат тој кип, признавајќи го како свој бог.

Ваквата тешка криза барала човек цврст, решителен и непоколеблив, човек кој честа пред Бога ја цени повеќе отколку јавното мислење, повеќе од личната безбедност, па дури и од самиот живот. Но тогашниот водач на Израел ги немал тие особини. Арон се покажал слаб пред народот. Неговата колебливост и плашливост во тој критичен миг ги сториле уште порешителни. Нередот се зголемувал. Со народот завладеал слеп и целосен метеж. Имало и такви кои му останале верни на својот завет со Бога, но главнината на народот зела учество во отпадот. Тие малубројни - кои се осмелиле предложениот кип да го прогласат за идолопоклонство 317
- биле свирепо малтретирани и во настанатата возбуда и хистерија конечно го загубиле животот.

Наместо благородно да издржи во одбрана на Божјата чест, Арон, плашејќи се за својата сопствена безбедност, попуштил пред навалувањето на народот. Прво наредил од народот да се соберат сите златни обетки и да се донесат пред него, надевајќи се дека гордоста ќе ги натера да отстапат од таквата жртва. Но тие доброволно ги давале своите украси, па тој од нив направил златно теле, имитирајќи ги египетските божества. Народот едногласно извикнал: „Ова се твоите богови, Израеле, кои те изведоа од земјата египетска." Арон рамнодушно ја поднесувал таа навреда упатена на Јехова. Тој сторил и нешто повеќе од тоа. Кога видел со какво задоволство е примено телето, подигнал пред нив олтар и наредил да се објави: „Утре е празник Господен." Таа вест со помош на труба, од група до група, е пренесена низ целиот логор. „Утредента, станувајќи рано, принесоа жртви сепаленици и жртви благодарници; и народот седна, па јадеа и пиеја, а потоа станаа и играа." И под изговор дека празнуваат „Господен празник", тие се оддале на ненаситност и на развратни наслади.

Колку често и денеска наидуваме на љубов кон задоволства маскирани со надворешна „форма на побожност". Верата што им дозволува на луѓето, вршејќи верски обреди, да се предадат на себичност и на сетилни задоволства, и денеска на масите им е исто толку мила како и во времето на Израел. А сè уште има попустливи ароновци кои во црквата заземаат одговорни положби, а во исто време им попуштаат на желбите на необратените и на тој начин ги поддржуваат во гревот.

Поминале само неколку дена откако Евреите склучиле свечен сојуз со Бога и се обврзале да го слушаат неговиот глас. Тогаш тресејќи се стоеле пред гората и ги слушале Божјите зборови: „Немој да имаш други богови покрај мене!" Сè уште пред очите на собирот се реела Божјата слава над Синајската гора, но тие ја напуштиле неа и побарале други богови. „Направија теле на Хорив и му се поклонија на идолот, ја заменија својата слава со образ на теле што јаде трева" (Псалм 106,19.20). Поголема неблагодарност и повеќе дрска навреда не можеле да му нанесат на Оној кој им се открил како нежен татко и како семожен Цар.

На Мојсеја на гората му било обрнато внимание на отпадот
318 на народот во логорот и добил наредба веднаш да се врати. „Оди поскоро и слези долу, зашто твојот народ, што го изведе од земјата египетска, појде по пат на беззаконие. Брзо скршнаа од патот што им го определив; си направија теле и му се поклонија, па му принесоа жртви." Бог можел на целото тоа движење да му стави крај уште на самиот почеток, но дозволил истото да се развие до

таа мера за со своето казнување на велепредавството и на отпадот да може на сите да им даде поука.

Божјиот завет со неговиот народ бил поништен и Тој му рекол на Мојсеја: „Но сега дозволи да се распали мојот гнев против нив и да ги истребам; а од тебе ќе направам голем народ.“ Израелскиот народ, а особено „светината“ - оние што им се придружиле и се помешале со нив, постојано биле наклонети да се бунат против Бога. Тие мрмореле и против својот водач и му задавале болка со своето неверство и тврдоглавост, и да се доведат такви луѓе во ветената земја би била мошне тешка и извонредно напорна задача. Со своите гревови тие веќе ја пречекориле границата на Божјата милост, и правдата барала да бидат уништени. Затоа Бог решил да ги уништи и од Мојсеја да создаде подобар народ.

„Но сега дозволи да се распали мојот гнев против нив и да ги истребам“, рекол Бог. А кога Бог наумил да ги уништи, кој би можел да се заземе за нив? Колку има такви кои грешниците едноставно би ги препуштиле на нивната судбина! Колку има такви кои тешката судбина на напорите, товарите и самопожртвувањето, за кои е возвратена само неблагодарност и противење, со радосно срце не би ги замениле со угледни и полесни положби, кога и сам Бог понудил ослободување?

Но Мојсеј забележал дека постои надеж за спасение иако се чинело дека нема ништо друго освен разочарување и гнев. Божјите зборови: „И сега дозволи“, ги сфатил дека Бог не само што не му забранува за народот да се заземе, туку и го поттикнува на тоа; тие претставувале навестување дека Израелците може да ги спаси само неговата (Мојсеевата) молитва, и дека Бог ќе го поштеди својот народ ако некој за него се моли. „А Мојсеј се помоли пред Господа Бога и рече: ’Зошто се разгорува, Господе, твојот гнев против твојот народ, кого го изведе од египетската земја со голема сила и со цврста рака?’“

Бог јасно ставил на знаење дека Тој ваквите не ги признава веќе за свој народ. Зборувајќи му на Мојсеја за нив, Тој нагласил: „Твојот народ, што го изведе од египетската земја.“ Меѓутоа, Мојсеј понизно се откажал од правото на водство на Израел. Тие не биле негови, туку Божји - „твојот народ што го изведе од египетската
земја со голема сила и со цврста рака“. „Зошто“, нагласил Мојсеј, 319
„Египќаните да зборуваат и да речат: ’За зло ги изведе за да ги убие по планините и да ги истреби од земјата?’“

За неколку месеци откако Израелците излегле од Египет, веста за нивното чудесно ослободување се раширила меѓу сите околни народи. Сите незнабошци ги опфатил страв и ужасни претчувства. А ако Израелците сега би биле уништени, нивните непријатели

би триумфирале, а Бог би бил обесчестен. Египќаните би тврделе дека Тој не ги води во пустина да му принесат жртва, туку да бидат жртвувани. Тие не би мислеле на гревовите на Израелците; уништувањето на народот, на кој до тогаш толку очигледно му укажувал чест, би морало да му штети на угледот на неговото име. Колку голема одговорност почива врз оние што ги почестил Бог неговото име да го извишат на земјата! Со колкаво внимание тие треба да се пазат од секој грев, да не предизвикаат негова казна и да не дозволат неговото име да се срамоти меѓу неверните!

Кога Мојсеј во својата молитва се заземал за Израелците, неговата плашливост потполно исчезнала во длабокото интересирање и љубов за оние за кои толку многу сторил како орудие во Божјите раце. Бог го ислушал неговото пекање и ја примил неговата несебична молитва. Тој го проверувал својот слуга; сакал да види колкава е неговата верност и љубов кон заблудениот и неблагодарен народ, и Мојсеј благородно ја издржал проверката. Неговото залагање за Израелците немало ништо себично во себе. Благосостојбата и напредокот на Божјиот избран народ му биле помили од личната чест, помили од предимството да стане татко на една силна нација. Неговата верност, простодушност и вистинска честитост му биле по волја на Господа и Тој, како на верен пастир, му доверил голема задача - да ги одведе Израелците во ветената земја .

Кога Мојсеј и Исус Навин слегле од горoccasionaта (Мојсеј со плочите во раце), слушнале одушевени извици на возбудено мноштво што се наоѓало во состојба на див вриеж. Исус Навин, како воин, прво помислил дека ги нападнале непријатели. „Воена вика во логорот“, рекол. Но Мојсеј поправилно ја проценил вистинската природа на возбудата. „Не е тоа вик на победници, ниту пак пискот на победени; туку слушам глас на пијани од вино.“

320 Кога се приближиле до логорот, виделе како народот ликува и игра околу својот идол. Тоа била сцена на незнабожечко пирување, имитирање на идолопоклоничката прослава на Египќаните, но далеку од свечено и богобојазливото почитување на Јехова. Мојсеј бил вчудовиден. Тој тукушто се вратил од присуството на Божјата светост и, иако му било обрнато внимание на сето тоа што се случува, сепак, не очекувал толкаво понижување и толку страшна расипаност кај Израелците. Затоа кај него пламнал гнев. За да го покаже своето гнасење кон нивното злосторство, ги фрлил камените плочи и тие се парчосале пред очите на сиот народ; тоа значело дека, како тие што го раскинале својот сојуз со Бога, и Бог го раскинува сојузот со нив.

Стапувајќи меѓу нив, Мојсеј поминал низ толпата развратници и, грабнувајќи го идолот, го фрлил во оган. Потоа го претворил

во прав и, полевајќи го правот во водата што течела од планината, му наредил на народот да пие. Така била прикажана целосната ништожност на она што тие го обожавале.

Големиот водач го повикал брата си кој бил одговорен за сето ова и строго го прашал: „Што ти стори овој народ та го турна во толкав грев?“ Арон се обидувал да се брани, раскажувајќи како народот бучно го барал тоа и како би го убиле кога не би ја исполнил нивната желба. „Не гневи се господару мој“, рекол, „ти ја знаеш склоноста на овој народ. Тие ми рекоа: ’Направи ни бог кој ќе оди пред нас. Мојсеј е човекот што нè изведе од Египет, но не знаеме што стана со него, со оној кој нè изведе од египетската земја.’ А јас им реков: ’Кој има злато, нека го извади од себе.’ И го извадија и го донесоа, а јас го фрлив во оган, и излезе ова теле.“ Арон сакал Мојсеј да поверува како се случило чудо - дека златото било фрлено во оган и со некоја натприродна сила се претворило во теле. Но неговото правдање и заобиколување било напразно. Со право е сметан за главен виновник.

Фактот што Арон бил благословен и ценет многу повеќе од другиот народ неговиот грев го правел толку одвратен. Арон, „кого беше Господ го посветил“ (Псалм 106,16), направил идол и прогласил празник. Тој бил поставен за Мојсеев застапник, и Бог за него сведочел: „Знам дека тој е речит“ (2. Мојсеева 4,14); а сепак пропуштил да ги спречи идолопоклониците во нивната богохулна намера. Тој, кој бил од Бога одреден да им изрече пресуда и на Египќаните и на нивните богови, рамнодушно и како нем слушал како пред леаниот кип се изјавува: „Ова се твоите 323
богови, Израеле, кои те изведоа од египетската земја.“ Тој, кој со Мојсеја бил на горати и ја видел Божјата слава, кој видел дека во манифестацијата на таа слава нема ништо од што би можело да се направи некаква слика - тој бил оној кој таа слава ја претворил во „лик на вол што пасе трева“ (Псалм 106,20). Тој, на кого Бог во отсуство на Мојсеја му ја доверил управата над народот, го одобрил нивниот бунт. „А и на Арона силно се разгневи Господ, и сакаше да го погуби“ (5. Мојсеева 9,20). Но со сесрдно заземање и молитва на Мојсеја, животот му бил поштеден, а со каење за својот голем грев и со понизност, пак ја стекнал Божјата милост.

Кога Арон би имал храброст да се заложи за правдата, без оглед на последиците, можел да го спречи овој отпад. Кога тој цврсто би му останал верен на Бога, кога би го потсетил народот на одговорноста што ја примиле при објавувањето на законот и на нивниот свечен сојуз со Бога, и на ветувањето дека ќе го слушаат, злото можело да биде спречено. Меѓутоа, неговото попуштање пред желбите на народот и рамнодушноста со која ги остварувал

нивните планови, ги охрабриле во својот грев да одат и подалеку отколку што мислеле на почетокот.

Кога Мојсеј се вратил во логорот и ги повикал бунтовниците на одговорност, народот неговите остри прекори и неговото негодување покажано во разбивањето на светите плочи со законот ги споредувал со пријатните зборови и со достоинственото држење на неговиот брат, и нивните симпатии биле на страна на Арона. За да се оправда себеси, Арон се обидувал кривицата за својата слабост што попуштил пред ваквото барање да ја префрли врз народот; но и покрај тоа, нивните срца биле полни со восхит кон неговата благост и стрпливост. Меѓутоа, Бог не гледа онака како што гледаат луѓето. Ароновиот попустлив дух и неговата желба да го задоволи народот ги заслепиле неговите очи така што не видел колку грд бил гревот што го одобрил. Неговото однесување во поддржувањето на гревот во Израел со своето влијание одвел во смрт илјадници луѓе. Во каква спротивност со ова било однесувањето на неговиот брат Мојсеј кој, извршувајќи ги верно Божјите судови, покажал дека доброто на Израел му било помило и поважно од личното напредување, од честа и од самиот живот.

Од сите гревови што ќе ги казни Бог, ниеден во неговите очи
324 не е потежок од оној со кој други се храбрат и се поттикнуваат да прават зло. Бог сака неговите слуги да ја докажат својата верност со тоа што престапот решително ќе го осудат, без оглед колку болно тоа им паѓа. Оние што се почестени со божествен налог не смеат да бидат слаби, повивајќи се како ветерот дува. Тие не смеат да се стремат кон извишување себеси ниту пак да ги избегнуваат непријатните должности, туку мораат со непоколеблива верност да го извршуваат Божјето дело.

Иако Бог ја примил молитвата на Мојсеја и ги поштедил Израелците од уништување, сепак нивниот отпад морал да биде видно казнет. Непокорноста и беззакониeто што настанале со Аронова дозвола, кога не би биле веднаш задушени, би морале да букнат во отворено безбоштво и народот да го одведат во неповратна пропаст. Морале да се преземат најрешителни мерки злото да се отстрани од патот. Стоејќи пред влезот на логорот, Мојсеј на народот му упатил повик: „Кај мене кој е Господов!“ Оние што не зеле учество во отпадот, се повикани да застанат од десната страна на Мојсеја, а оние што биле виновни но се покајале, лево. Заповедта била извршена и се покажало дека племето на Левие не учествувало во идолопоклонството. Имало и од другите племиња многу такви кои се каеле поради сторениот грев. Но мнозинството преостанати, главно „светината“ која и барала да се направи теле, била истрајна во својот бунт. Во име на Израеловиот Господ Бог,

Мојсеј им наредил на оние што му стоеле од десна страна и кои не учествувале во идолопоклонството да се опашат со своите мечеви и да ги убијат сите што останале упорни во својот бунт. „И во тој ден изгина народ до три илјади души.“ Без оглед на положбата, роднинството и пријателството, оние што предводеле во злото биле истребени; но сите што се покајале и се понизиле биле поштедени.

Извршителите на таа страшна пресуда работеле во име на Божјиот авторитет и го извршиле налогот на небесниот Цар. Луѓето мора да се чуваат од тоа во своето човечко слепило да ги судат и да ги осудуваат своите ближни, но кога Бог ќе им нареди да ја извршат неговата пресуда над неправдата, тогаш тоа мора да се послуша. Оние што го извеле тоа болно дело, со тоа го покажале своето гнасење и вчудовидување над бунтот и идолопоклонството и уште поцелосно се посветиле во службата на вистинскиот Бог. Господ ја ценел нивната верност и тоа го покажал така што на племето на Левие му доделил посебно одликување и углед.

Израелците сториле предавство кон Господа кој како нивни Цар ги опсипал со толку доброчинства, и чијшто авторитет тие доброволно се обврзале да го почитуваат. За да се одржи правда во божественото владеење, со тие предавници морало да се постапува според нивната заслуга. Но Божјето милосрдие се покажало дури и во овој случај. Иако го пазел авторитетот на својот закон, Тој 325
на сите им дал слободна волја, можност да бираат и прилика да се покаат. Истребени биле само оние што биле упорни во бунтот.

Овој грев морал да биде казнет за околните народи да претставува сведоштво за Божјето негодување против идолопоклонството. Извршувајќи ги барањата на правдата над престапниците, Мојсеј, како орудие во Божјите раце, морал на историјата да ѝ остави свечен и јавен протест против нивното злосторство. Бидејќи Израелците требало да го осудуваат идолопоклонството на соседните народи, нивните непријатели подоцна би можеле да им префрлат дека и самиот народ кој тврди дека Јехова е негов Бог направил златно теле под горaта Хорив и му се клањал. А вака, иако принудени да ја признаат срамната вистина, страшната судбина на престапниците, Израелците можеле да ја изнесат како доказ дека нивниот грев не бил ниту дозволен ниту простен.

И љубовта, ништо помалечка отколку правдата, бара тој грев да се осуди. Бог не е само врховен господар, туку и заштитник и чувар на својот народ. Тој ги истребува оние што решително остануваат во бунт за да не ги водат и другите во пропаст. Поштедувајќи му го животот на Каина, Бог на целата вселена ѝ покажал што би било ако гревот би останал неказнет. Влијанието на неговиот живот и на неговото учење врз неговото потомство, човечкиот род го одвело

во толку голема изопаченост, што светот морал да биде уништен со потоп. Историјата на претпотопните луѓе сведочи дека долгиот живот не е благослов за грешникот; Божјето долго трпение не ја спречило нивната безбожност. Колку луѓето подолго живееле, биле сè порасипани.

Така било и со отпадот на Синај. Кога престапниците не би ги снашла веднаш казна, последиците би биле исти како и кај претпотопниот свет. Земјата би се наполнила со беззаконие и со изопаченост како во времето на Ное. Кога тие престапници би биле поштедени, злото што би произлегло од тоа би било поголемо дури и од она што уследило поради тоа што Каин останал жив. Тоа што во таа пригода настрадале неколку илјади луѓе, била само Божја милост со истата казна да не мора да уништи милиони. За да спаси мнозина, сепак морал да казни некои. Освен тоа, напуштајќи ја својата верност кон Бога, народот ја проиграл божествената заштита; и, лишена од неговата одбрана, целата нација била изложена на силата на своите непријатели. Кога злото не би било на време отстрането, тие набргу би падналe како плен во рацете на своите бројни и силни непријатели. За добро на Израелците, а исто така
326 и за поука на идните поколенија, било потребно престапот веднаш да се казни. Тоа не била ниту малку помалечка милост и за самите грешници, зашто на тој начин им била скусена можноста и понатаму да продолжат по својот грешен пат. Кога би останале живи, истиот дух што ги поттикнувал да му се противат на Бога, би се покажал и во вид на меѓусебна омраза и караници и најпосле меѓусебно би се уништиле. Злосторството било казнето бргу и страшно и тоа од љубов кон светот, кон Израел, па дури и кон престапниците.

Најпосле, кога народот сфатил колку е голема неговата кривица, во целиот логор завладеал страв. Се плашеле дека секој престапник ќе биде уништен. Сожалувајќи ги во нивната мака, Мојсеј ветил дека уште еднаш ќе се заземе за нив пред Бога.

„Направивте голем грев“, им рекол, „и сега ќе појдам горе при Бога за да молам да ви се прости вашиот грев.“ Тогаш отишол и, излегувајќи пред Господа, запекал во својата исповед: „Ти се молам, Господе, овој народ направи голем грев, оти си направи бог од злато. И сега прости им го нивниот грев, ако ли, пак, не, тогаш избриши ме и мене од својата книга во која си ме запишал. А Господ му рече на Мојсеја: 'Оној што згрешил пред мене, него ќе го избришам од мојата книга. Но сега оди, слези и поведи го тој народ во местото каде што ти реков. Еве, мојот ангел ќе оди пред тебе, а кога ќе ги посетам, на нив ќе го навратам нивниот грев.'“

Во молитвата на Мојсеја наидуваме на небесни книги во кои се запишани имињата на сите луѓе и сите нивни дела, било добри

или лоши. Книгата на животот ги содржи имињата на сите кои
кога и да е биле во Божја служба. Ако некој од нив се оддели од
Бога и упорно греши, на крај ќе стане наполно нечувствителен
за влијанието на Светиот Дух и нивните имиња на судот ќе бидат
избришани од книгата на животот, а самите тие ќе пропаднат.
Мојсеј сфатил колку страшна би била судбината на грешниците; па
сепак, ако израелскиот народ треба да биде отфрлен од Бога, тогаш
барал и неговото име да биде избришано заедно со нивните; тој не
би можел да гледа како Божјата казна ги погаѓа оние кои толку
милосливо биле ослободени од ропството. Мојсеевото заземање
за Израелците го покажува Христовото посредување за грешните
луѓе. Меѓутоа, на Мојсеја Господ не му дозволил да ја прими на
себе кривицата на престапниците, што му било дозволено само
на Христа. „Оној што ми згрешил, него ќе го избришам од мојата 327
книга“, вели Тој.

Со длабока жалост народот ги закопал своите мртви. Само од меч паднале три илјади; набргу во логорот настапил помор, а потоа уследила порака дека нема веќе да ги придружува Божјето присуство на нивното патување. Јехова изјавил: „Самиот нема да одам со тебе, за да не те погубам по патот, бидејќи вие сте тврдоглав народ.“ И била издадена заповед: „А сега симнете го од себе својот накит.“ Тогаш во целиот логор завладеала жалост. Тажни и понижени, „синовите Израелови ги симнаа од себе накитите и облеките кај планината Хорив.“

Шаторот, кој до тогаш служел како привремено место за богослужение, според Божје упатство е преместен „надвор, далеку од логорот“. Тоа бил уште еден доказ повеќе дека Бог ги лишил од своето присуство. Тој му се открил на Мојсеја, но не и ним како народ. Тој прекор болно ги трогнал и, во својот страв и обземени со грижа на совеста, очекувале уште поголеми несреќи. Можеби Господ го изделил Мојсеја од логорот за да може потполно да ги уништи? Но сепак, не останале без никаква надеж. Шаторот бил подигнат надвор од логорот, а Мојсеј го нарекол „шатор за состанок“. Сите кои навистина се покајале и кои сакале да се вратат кај Господа, биле повикани да се упатат таму, да ги признаат гревовите и да бараат милост. Кога се вратиле во своите шатори, Мојсеј влегол во шаторот за состанок. Народот со најголем страв и внимателно очекувал да види каков било знак со кој би се потврдило дека Мојсеевото заземање за нив е прифатено. Ако Господ се спушти да се сретне со Мојсеја, тогаш можеле да се надеваат дека нема да бидат наполно уништени. Кога столбот од облак се спуштил и се запрел пред влезот на шаторот, народот заплакал од радост „и секој се клањаше пред вратата на својот шатор“.

Мојсеј мошне добро ја познавал изопаченоста и слепилото на оние што му биле доверени на грижа. Ги познавал и сите тешкотии со кои требало да се бори. Но сето ова му дало поука дека мора да има Божја помош за да може да владее со тој народ. Се молел за појасно откровение на Божјата волја и за гаранција за негово присуство. „Ете, ти ми велиш: 'Изведи го тој народ', а не ми јави
328 кого ќе го пратиш со мене, иако ми рече: 'Јас те знам по име и ти најде милост пред мене.' Па, ако сум нашол милост пред тебе, откриј ми се да те разберам, па и понатаму да најдам милост пред тебе и да узнаам дека овие луѓе се твој голем народ."

Одговорот гласел: „Јас ќе појдам со тебе и ќе те успокојам." Но Мојсеј уште не бил задоволен. Неговата душа ја притискало чувство на свеста за страшните последици во случај Бог да ги препушти Израелците на нивната тврдоглавост и непокајание. Тој не можел да издржи неговите интереси да бидат изделени од интересите на неговите браќа и се молел Бог пак да му подари на народот своја милост и да му го даде столбот од облак и оган како знак на неговото присуство и понатаму да го насочува правецот на нивното движење. „Ако не појдеш ти со нас, тогаш не изведувај нè одовде. Оти, по што ќе познаеме дека јас и твојот народ сме нашле милост пред тебе, освен по тоа што ти одиш со нас? Само по тоа ќе се разликуваме јас и твојот народ меѓу сите народи на земјата."

„Ќе го сторам и тоа што го кажа, зашто ти најде милост пред мене, и те познавам повеќе од сите." Сè уште пророкот не престанал да пека. Секоја молба му била услишена, но тој копнеел за поголеми докази на Божје одобрување и милост. Побарал нешто што до тогаш ниту едно човечко суштество не барало: „Покажи ми ја својата слава."

Бог не го прекорил дека со ова свое барање дрско ги пречекорил границите на дозволеното, туку му се обратил со зборови на милост: „Ќе дозволам пред тебе да помине сета моја слава." Божјата слава незасолнета не може да ја види ниту еден смртен човек и да остане жив; но на Мојсеја му било ветено дека од божествената слава ќе може да види толку колку што бил во состојба да издржи. Повторно бил повикан да се искачи на горага; и тогаш раката што го создала светот, раката која „ги преместува горите без никој да забележи" (За Јов 9,5), го зела тоа создание од прав, тој човек со силна вера и го ставила во пукнатина на една карпа додека Божјата слава и сето негово добро поминувале пред него.

Тоа искуство, а над сè ветувањето дека божественото присуство постојано ќе го придружува, за Мојсеја биле сигурен доказ дека ќе успее во задачата што стоела пред него; тоа за него имало неспоредливо поголема вредност отколку сите египетски науки и сите

негови достигања како државник и војсководител. Никаква земна сила, вештина или образование не можат да го заменат постојаното Божје присуство. 329

За престапниците страшно е да се падне во рацете на живиот Бог; а Мојсеј сам стоел во присуство на Вечниот и не се уплашил, зашто неговата душа била сообразена со волјата на неговиот Творец. „Да таев грев во моето срце“, кажува псалмистот, „Господ не ќе сакаше да ме чуе“ (Псалм 66,18). Но „Господ им се доверува на оние кои имаат страхопочит кон него - ним им го објавува својот завет“ (Псалм 25,14).

Господ се објавил како „Господ, Господ, Бог штедар и милостив, долготрпелив, многумилостив и вистинит, кој ја чува правдата и покажува милост на илјадници, кој проштава беззаконија, неправди и гревови, кој виновни не очистува“.

„А Мојсеј побрза, падна наземи и му се поклони на Бога.“ Пак се молел на Бога да му ги прости престапите на својот народ и повторно да го прими за свое наследство. Молитвата му била примена и Господ милосливо ветил дека ќе ја обнови својата милост кон Израелците и дека заради нив ќе направи „чудеса што не се сторени никаде на земјата ниту во еден народ“.

Мојсеј останал на горoccupata четириесет дена и четириесет ноќи и за сето тоа време, како и првпат, го одржал својот живот на чудесен начин. Никому не му било дозволено да појде со него, ниту пак некој за тоа време смеел да се приближи кон гората. По Божје упатство, Мојсеј приготвил две камени плочи и ги понел со себе на гората, и повторно „Господ ги напиша на плочите зборовите на заветот, Десетте заповеди.“

За сето време што го поминал Мојсеј во присуство на Бога, на неговото лице се гледала славата на божественото присуство; и кога слегол од гората, тој не знаел дека лицето му свети со блескотна светлина. Таква светлина го осветлувала лицето на првиот христијански маченик, Стефан, кога бил изведен пред своите судии: „И сите што беа во Синедрионот, се вгледаа во него и видоа дека лицето му беше како лице на ангел“ (Дела 6,15). А Арон и сиот народ се повлекле од Мојсеја „и не смееја да пристапат кон него“. Гледајќи ја нивната збунетост и страв, но не знаејќи ја причината за тоа, тој ги повикал да му пристапат поблизу. Ги уверувал дека измирувањето со Бога им е загарантирано, дека Тој сè уште им е милослив. Во неговиот глас тие не можеле да забележат ништо друго освен љубов и преколнување, и најпосле еден се осмелил да му пристапи. Премногу исплашен за да може што било да каже, молчејќи гледал во лицето на Мојсеја, а потоа во небото. Големиот водач сфатил што значи тоа. Свесни за својата кривица и чувству-

330 вајќи дека Бог сè уште не им е наклонет, Израелците не можеле да ја поднесат небесната светлина која, да останале послушни, би ги исполнила со радост. Виновникот има и причина да се плаши. Душата, слободна од грев, не сака да се крие пред небесната светлина.

Мојсеј имал многу нешто да им пренесе; и од сожаление кон нив, го покрил своето лице со превез, што и подоцна го правел тоа секогаш кога се враќал кај народот од својата средба со Бога.

Со таа светлина, што светела од Мојсеевото лице, Бог имал намера во срцата на Израелците да го вреже светиот и возвишен карактер на својот закон и славата на евангелието откриена преку Христа. Додека Мојсеј бил на горката, Бог му ги покажал не само плочите на законот, туку и планот на спасението. Тој увидел дека сите симболи и претслики на еврејската жртвена служба ја преткажуваат Христовата жртва, и дека небесната светлина, која блескоти од Голгота, ја претставува славата на Божјиот закон исто така како и сјајот што сега зрачел од неговото лице. Божествените зраци ја претставувале светоста и славата на заветот чијшто видлив посредник бил Мојсеј како преттеча на вистинскиот Посредник.

Светлината што зрачела од Мојсеевото лице ги претставува благословите што ги примаат оние кои, благодарение на Христовото посредување, ги држат Божјите заповеди. Таа исто така претставува доказ дека, во колку нашата врска со Бога е поинтимна и нашето сфаќање за неговите барања појасни, сè поцелосно ќе се сообразиме со божествениот лик и ќе бидеме поподготвени да станеме учесници во божествената природа.

Мојсеј бил Христова претслика. Како посредникот на Израелците што морал да го покрие своето лице, зашто народот не можел да гледа во неговата слава, така и божествениот Посредник, Христос, го облекол своето божество во човечка лика кога дошол на земјата. Кога би дошол облечен во својата небесна слава, би бил непристапен за луѓето во нивната грешна состојба. Тие не би можеле да ја издржат славата на неговото присуство. Затоа Тој се понизил и зел тело „во вид на грешно тело“ (Римјаните 8,3) за да може да дојде во допир со паднатиот човечки род и да го издигне.

29

# НЕПРИЈАТЕЛСТВОТО НА САТАНАТА КОН ЗАКОНОТ

Извесно време се чинело дека веќе првиот напор на сатаната да го урне Божјиот закон - вложен уште меѓу безгрешните жители на небото - ќе биде крунисан со успех. Поголем број од ангелите тогаш биле заведени. Но привидниот успех на сатаната завршил со пораз и со загуба, со одвојување од Бога и со изгнанство од небото.

Кога судирот повторно се развил на земјата, сатаната пак добил привидно предимство. Човекот со својот пад во грев му станал роб, а човечкото царство паднало во рацете на зачетникот на сите буни. Тогаш се чинело дека на сатаната му е отворен патот да создаде едно независно царство и да му пркоси на авторитетот на Бога и на неговиот Син. Меѓутоа, со планот на спасението на човекот му е дадена можност повторно да стапи во хармонија со Бога, да му се покорува на неговиот закон и на крај и тој и целата земја да се ослободат од силата на сатаната.

Така сатаната повторно бил поразен и повторно продолжил да мами, обидувајќи се својот пораз да го претвори во победа. За да го воведе човечкиот род во бунт, тој сега тврди дека Бог е неправеден затоа што дозволил човекот да го прекрши неговиот закон. „Ако Бог знаел какви ќе бидат последиците“, повторува лукавиот искушувач, „зошто дозволил човекот да биде искушуван, да згреши и со тоа да навлече на себе беда и смрт?“ Заборавајќи го големото Божје трпение и милост со која на човекот му е дадено уште едно време на милост и проверка и не водејќи сметка за огромната вчудовидувачка жртва што ја поднел небесниот Цар за грешниот и побунет човек, Адамовите деца го слушаат искушувачот и се бунат против Оној кој единствено е во состојба да ги спаси од уништувачката сила на сатаната.

И денеска илјадници го обвинуваат Бога на ист начин. Тие не увидуваат дека тоа обвинување му ја оспорува на човекот слободата на избор, го лишува од неговото право да решава како разумно надарено суштество и од него создава обичен автомат. Бог нема

332 намера со сила да владее со нечија волја. Човекот е создаден како слободно морално суштество. Слично на жителите на сите други светови, и неговата послушност морала да биде проверена; но тој никогаш не бил доведен во таква положба во која попуштањето на злото станало неизбежно. Не било дозволено да наиде такво искушение што навистина не може да се победи. Бог предвидел толку можности човекот во борбата со сатаната никогаш да не мора да биде поразен.

Кога луѓето на земјата се намножиле, речиси цел свет преминал во редовите на побунетите. Се чинело дека сатаната уште еднаш задобил победа. Но силата на Семожниот повторно го пресекла дејствувањето на неправдата и злото и земјата со потоп била испрана од својата морална изопаченост.

„Кога твоите пресуди се извршуваат на земјата“, кажува пророкот, „тогаш жителите на светот се учат на правда. Ако нечесен биде помилуван, тој нема да се научи на правда... и нема да погледне во неговото величие“ (Исаија 26,9.10). Така било по потопот. Здивнувајќи од неговите казни, жителите на земјата повторно се побуниле против Господа. Два пати светот го погазил Божјиот завет (сојуз) и неговите уредби. Божествениот авторитет го отфрлиле не само претпотопните луѓе, туку исто така и Ноевите потомци. Тогаш Бог стапил во сојуз (заветен однос) со Аврама и си избрал себеси народ што требало да биде чувар на неговите закони. А сатаната веднаш се дал на работа, поставувајќи свои стапици и настојувајќи тој народ да го заведе и да го уништи. Децата на Јакова биле изложени на искушение да склучуваат брачни врски со незнабошците и да им се клањаат на нивните идоли. Но Јосиф му останал верен на Бога и неговата верност останала како трајно сведоштво во прилог на вистинската вера. За да ја угасне таа светилка, сатаната ја искористил зависта и злобата на Јосифовите браќа, поттикнувајќи ги да го продадат како роб во туѓа земја. Но сепак, со сите тие настани управувал Бог и со нивна помош египетскиот народ стекнал сознание за него. Во куќата на Петефрие, а и во затворот, Јосиф, стравопочитувајќи го Бога, стекнувал образование и знаење што го приготвиле за неговата висока државничка положба. Од палатата на фараонот неговото влијание се чувствувало низ сета земја, а знаењето за Бога се ширело на сите страни. Израелците во Египет уживале благонаклоност и се збогатиле; и оние кои меѓу нив му останале верни на Бога, имале во својата средина големо влијание. Идолопоклоничките свештеници, гледајќи како новата вера наидува на поголем прием, ги опфатил паничен страв и тревога. Сатаната ги вдахнал со своето непријателство кон Бога и кон неговиот закон и тие со сите сили настојувале светлината да

ја угаснат. Ним им било доверено воспитувањето на престолонаследникот; и токму тој дух на решително противставување на Бога и ревнување за идолопоклонството го обликувале карактерот на 333
идниот монарх и ги предизвикало сите тие свирепости и угнетувања на еврејскиот народ.

Четириесет години по Мојсеевото бегство од Египет, се чинело идолопоклонството како да победило. Од година во година надежта на Израелците сѐ повеќе исчезнувала. Египетскиот цар и народ ликувале во својата сила и го исмевале израелскиот Бог. Тој дух се развивал сѐ додека не постигнал свој врв кај оној фараон кој толку дрско му се противставил на Мојсеја. Кога еврејскиот водач истапил пред царот со порака од „израелскиот Господ Бог“, фараонот, не затоа што не знаел за вистинскиот Бог, туку затоа што ѝ пркосел на неговата сила, дрско одговорил: „Кој е Господ да го послушам неговиот глас?... Не го познавам Господа.“ Фараоновото противење на божествената заповед, од почеток до крај, не било последица на незнаење, туку омраза и пркос.

Иако Египќаните толку долго го отфрлале понуденото познавање на Бога, Тој сепак им дал доволно време да се покаат. Во Јосифовите денови Египет за Израелците бил место на прибежиште. Со тоа што на Божјиот народ му укажале гостопримство, Египќаните му укажувале почит на Бога, и затоа, Оној кој долго трпи, кој бавно се гневи и кој е полн со сожалување, на секоја казна со која ги казнил ѝ дал време да дејствува воспитно врз нив; биле казнети да страдаат токму од она што го обожавале. Египќаните добиле очигледен доказ за силата на Јехова и сите кои сакале можеле да му се потчинат на Бога и да ги избегнат неговите казни. Со својата тврдоглавост и верска занесеност, царот самиот придонел знаењето за вистинскиот Бог уште повеќе да се рашири и да почнат да му служат мнозина дури и меѓу Египќаните.

Токму затоа што Израелците толку настојувале да се поврзат со незнабошците и да го поддржуваат нивното идолопоклонство, Бог дозволил да слезат во Египет, каде што влијанието на Јосифа било големо и каде што ги имале сите услови да останат како посебен народ. Тука големото и грубо идолопоклонство на Египќаните, а особено свирепоста и угнетувањето што ги преживувале во подоцнежниот период од својот престој во Египет, требало да ги исполнат со одвратност кон идолопоклонството и да ги наведат да се вратат кај Бога - кај Бога на своите татковци. И токму таа нова ситуација што Бог во своето провидение дозволил да настапи, сатаната настојувал да ја искористи за да ги оствари своите цели, затемнувајќи го умот на Израелците и наведувајќи ги да ги прифаќаат навиките на своите незнабожечки господари. Поради суеверното

334 обожавање на животните од страна на Египќаните, Евреите за време на своето робување не смееле да му принесуваат жртви на Бога. Така нивните мисли со таа служба не биле упатувани кон Христа како голема жртва и нивната вера слабеела. Кога дошло време за ослободување на Израел, сатаната повторно истапил да ги попречува Божјите намери. Тој решил еден толку голем народ, кој броел повеќе од два милиони души, да биде задржан во незнаење и суеверие. Тој народ кој, според Божјето ветување требало да биде благословен, да се намножи, да стане сила на земјата и сознанието за Бога и за неговата волја да го пренесува и на другите - народ кој Бог имал намера да го постави за чувар на своите закони - токму тој народ сатаната по секоја цена сакал да го задржи во темнина и ропство, со цел од мислите и од сеќавањето на луѓето наполно да го избрише поимот за Бога.

Кога Мојсеј правел чуда пред царот, сатаната пак се нашол тука, настојувајќи да го осуети дејствувањето на тоа врз срцето на фараонот, да го спречи да ја признае Божјата надмоќ и да ги послуша неговите заповеди. Сатаната правел сѐ што било во негова моќ да ја имитира Божјата сила и да ѝ се противстави на неговата волја. Меѓутоа, со тоа само бил приготвен патот за пројава на уште поголема божествена моќ и слава, а постоењето и надмоќноста на вистинскиот и жив Бог се сторени уште поочигледни и за Израелците и за цел Египет.

Бог Израелците ги ослободил со силна манифестација на својата моќ и со казнување на сите египетски богови. „Па го изведе својот народ со радост, своите избрани со веселба. И им даде незнабожечки земји и така наследија плодови на други народи, за да ги чуваат неговите наредби и да ги исполнуваат неговите закони“ (Псалм 105,43-45). Ги ослободил од ропство за да ги доведе во добра земја - во земја која, според неговото провидение, била приготвена за нив како прибежиште и каде што, под сенката на неговите крилја, требало да најдат сигурна заштита од непријателите. Сакал да ги приближи до себе и да ги привлече во својата вечна прегратка; а како возврат за сите негови добра и укажана милост, од нив барал да немаат други богови покрај него, покрај живиот Бог, и неговото име да го сторат славно на земјата.

Мнозина од Израелците за време на своето робување во Египет загубиле речиси секоја претстава за светоста на Божјиот закон и неговите прописи ги мешале со незнабожечките обичаи и традиции. Затоа Бог ги довел на Синај и тука им го објавил својот закон со свој сопствен глас.

Сатаната и неговите зли ангели пак биле на дело. Дури и за време додека Бог им го објавувал на Израелците својот закон,

сатаната смислувал како ќе ги наведе на грев. Тој сакал пред 335
очите на небото да го изопачи токму оној народ кој бил од Бога избран. Наведувајќи ги на идолопоклонство, сакал да ја уништи ефикасноста на секој вид богослужение; оттаму прашањето: Може ли обожавањето на нешто што не е на повисоко ниво од човекот и што е творба на човечка рака да го издигне и да го облагороди човекот? Кога би успеал луѓето да ги заслепи до таа мера силата, величеството и славата на Бесконечниот да ги претставуваат со изделкан кип или дури со претстава на некое животно за да ги наведе да заборават дека се „Божји род“ бидејќи се создадени според ликот на Творецот, кога би успеал да ги наведе да се спуштат до таа мера бесмислено да им се клањаат на тие мртви предмети - тогаш пред нив би бил отворен патот за целосно изопачување; лошите страсти на срцето со ништо веќе не би биле потиснувани и сатаната би зел целосна власт.

Дури и во подножјето на горета, на која Бог го објавил својот закон, сатаната почнал да ги спроведува своите планови за соборување на тој закон, продолжувајќи го со тоа истото дело што го почнал уште на небото. Сатаната неуморно поттикнувал сомневање, отпад и бунт за време на тие четириесет денови додека Мојсеј бил на горета со Бога. Додека Бог го пишувал својот закон за да му го предаде на народот, кој се заветувал дека ќе му служи нему, Израелците, откажувајќи му верност на Јехова, барале богови од злато. Кога Мојсеј се вратил откај страшното присуство на божествената слава со прописите на законот што тие при неговото објавување ги прифатиле со свечена обврска, ги затекол како со отворен пркос и противење кон тие заповеди се клањаат пред златно теле.

Наведувајќи ги Израелците така дрско да го исмеваат и да го навредуваат Јехова, сатаната имал намера да ги упропасти. Бидејќи тие загубиле секое чувство на свест за предимствата и за благословите што им биле понудени и се откажале од својата свечена и повторена заклетва на верност и потонале во изопаченост, сатаната се понадевал дека Бог потполно ќе раскине со нив и конечно ќе дозволи да пропаднат. Со тоа би го сотрел семето на Аврама кое, како семе на ветувањето требало да го сочува знаењето за вистинскиот Бог и преку кое требало да дојде Оној кој како вистинско „семе“ на жената требало да ѝ стапне на главата на сатаната. Големиот бунтовник планирал да го уништи Израел и со тоа да ги спречи и да ги побрка Божјите намери. Но, и овојпат бил поразен. Иако тешко згрешиле, Израелците како народ сепак не биле уништени. Тие што тврдоглаво стоеле на страна на сатаната биле истребени, а на другите, кои со понизно и со скршено срце се покајале, мило-

сливо им било простено. Историјата за овој грев треба да служи како вечно сведоштво за грешноста и за казнувањето на идолопоклонството и за праведноста на Оној кој е долготрпелив и има голема милост.

Целата вселена била сведок за настаните на Синај. Во резул-
336 тат на дејствувањето и на едната и на другата страна, се видела разликата и спротивноста меѓу Божјиот и сатанскиот начин на владеење. Повторно безгрешните жители на другите светови имале можност да ги видат последиците на отпадот на сатаната и природата на владеењето што би го завел тој на небото да му било дозволено да загосподари.

Наведувајќи ги луѓето да ја престапат втората заповед, сатаната имал намера во нивните очи да ја понижи претставата за Божеството. Со отстранување на четвртата заповед имал намера да ги наведе потполно да го заборават Бога. Господ со право бара луѓето, отфрлајќи ги сите незнабожечки богови, да му се клањаат и да му служат само нему, зашто Тој е Творец на кого сите создадени суштества треба да му заблагодарат за своето постоење. Така е прикажан во Библијата. Пророк Еремија кажува: „А Господ е вистински Бог. Тој е жив Бог и вечен Цар... боговите што не ги создале небото и земјата ќе исчезнат од земјата и од под небото. Тој ја создаде земјата со својата сила, ја утврди вселената со својата мудрост и со својот разум ги распростре небесата." „Секој човек станува безумен во своето знаење, се срамува секој леар со својот идол, бидејќи она што го излеал е лага и во него нема дух. Тоа е суета, дело на заблуда, и кога ќе ги посетам, тие ќе исчезнат. Делот на Јакова не е како нивниот, бидејќи неговиот Бог е творец на сè" (Еремија 10,10-12.14.16).

Саботата, као спомен на Божјата творечка моќ, упатува на него како Творец на небото и земјата. Според тоа, таа е постојан сведок за неговото постоење и упатува на неговата големина, на неговата мудрост и љубов. Кога саботата секогаш би била исправно празнувана, никогаш не би имало луѓе кои би се откажувале од Бога ниту пак би имало идолопоклонство.

Воведувањето на саботата, која потекнува уште од Едемската градина, е старо колку и светот. Сите патријарси од создавањето на светот го празнувале и го почитувале тој свет ден. За време на робувањето во Египет, Израелците биле присилувани од своите работодатели да ја престапуваат саботата, и поради тоа во голема мера била загубена претставата за нејзината светост. Кога законот е објавен на Синај, први зборови на четвртата заповед биле: „Помни си да го празнуваш саботниот ден" - што покажува дека саботата не е заведена тогаш, туку со тие зборови ние сме упатени на нејзи-

ното потекло во создавањето. За потполно да го избрише Бога од човечкото помнење, сатаната се стремел да го уништи тој голем споменик. Кога луѓето ќе бидат наведени да го заборават својот Творец, тие не вложуваат веќе никакви напори да ѝ се противставаат на силата на злото и сатаната е потполно сигурен во својот плен.

Непријателството на сатаната кон Божјиот закон го натерало 337
да војува против секоја од десетте заповеди. Големото начело на љубовта и верноста кон Бога, кон Таткото на сите луѓе, е многу слично на начелото на детската љубов и послушност кон родителите. Непочитувањето на родителскиот авторитет набргу води кон непочитување на Божјиот авторитет. Оттаму настојувањето на сатаната да ја намали задолжителноста на петтата заповед. Незнабожечките народи на начелото содржано во таа заповед му посветувале малку внимание. Кај многу народи децата се откажуваат од родителите или ги препуштаат да умрат штом ќе остарат и не можат веќе да се грижат сами за себе. Мајката во семејството уживала сосем малечка почит, и по смртта на својот маж таа морала да го почитува авторитетот на својот најстар син. Преку Мојсеја на децата им било наложено да ги почитуваат и да ги слушаат своите родители. Меѓутоа, штом Израелците се оддалечиле од Бога, и петтата заповед, како и сите други, била занемарена.

Сатаната бил „крвник човечки од почеток“ (Јован 8,44); и штом се здобил со власт над човечкиот род, тој луѓето ги наведувал не само меѓу себе да се мразат и убиваат, туку, за уште подрско да му пркоси на Божјиот авторитет, сторил престапот на шестата заповед да стане дел на нивната вера.

Со изопачените поими за божествените својства, незнабожечките народи биле наведени да веруваат дека е потребно и луѓе да се принесуваат на жртва за боговите да се умилостиват. Заради тоа биле воведени најсвирепи грозомори во разни облици на идолопоклонство. Меѓу тие и таквите грозомори бил и обичајот поклониците пред своите идоли своите деца да ги водат низ оган. Кога детето би поминало низ огнот неповредено, народот би верувал дека жртвите им се примени, а детето е сметано за посебен љубимец на боговите и е опсипувано со подароци, а подоцна во животот постојано уживало голем углед. Без оглед на тоа колку многу ги дразнело другите со своите престапи, тоа никогаш не било казнувано. Ако детето во огнот би се испекло, тогаш судбината му била запечатена. Се верувало дека гневот на боговите може да се уталожи само ако на жртвата ѝ се одземе животот, па затоа детето и е принесувано на жртва. Во времето на големите застранувања, овие обичаи во извесна мера владееле и меѓу Израелците.

И престапот на седмата заповед порано бил правен во име на религијата. Најодвратни и најгнасни обичаи станале составен
338 дел на незнабожечкото богослужение. Дури и боговите биле прикажувани како порочни, па и нивните поклоници се оддавале на најниски страсти. Преовладувале неприродни пороци, а верските празници биле обележани со општ и јавен неморал.

Многуженството мошне рано било вообичаено. Тоа било еден од гревовите што придонеле Божјиот гнев да се урне врз претпотопниот свет. Сепак, ова зло и по потопот било мошне распространето. Лукаво смислениот план на сатаната бил насочен да ја изопачи установата на бракот, да ги ослаби нејзините обврски и да ја намали нејзината светост, зашто немал посигурен начин кај луѓето да го избрише Божјиот лик и да им ја отвори вратата на бедата и порокот.

Уште од почеток на големата борба сатаната имал намера лажно да го претстави Божјиот карактер и да поттикне бунт против неговиот закон. Изгледало дека тоа дело најпосле му било крунисано со успех. Маси ги прифаќаат убедувањата на сатаната и му се противат на Бога. Но, и покрај толку силното дејствување на злото, Божјите намери постојано се исполнуваат. Својата правда и добрчинство Тој ги покажува кон сите суштества што ги создал. Сатаната со своите искушенија успеал сите припадници на човечкиот род да ги стори престапници на Божјиот закон, но со жртвата на Божјиот Син отворен е пат по кој тие можат да се вратат кај Бога. Благодарение на Христовата милост, ним им е овозможено да му се покоруваат на Божјиот закон. Така Бог во секое време меѓу отпадниците и бунтовниците собира и изведува еден народ кој му е верен нему - народ „на кого во срцето му е неговиот закон“ (Исаија 51,7).

Сатаната со измама ги завел ангелите; тој тоа свое дело го спроведува меѓу луѓето низ сите времиња и по тој пат ќе продолжи до крај. Кога отворено би тврдел дека војува против Бога и против неговиот закон, тогаш луѓето би го одбегнувале, но тој се преправа и вистината ја меша со заблудата. Најопасни се оние лаги што се помешани со вистината. Така се прифаќаат заблудите што ја заробуваат и ја уништуваат душата. На тој начин сатаната го влече светот по себе. Но ќе дојде ден кога на неговиот триумф еднаш засекогаш ќе му биде ставен крај.

Божјето постапување со бунтот потполно ќе го разоткрие делото што било толку долго маскирано. Последиците на сатанското владеење и плодовите на отстапувањето од божествените закони ќе бидат отворено изнесени пред очите на сите создадени суштества. Божјиот закон ќе биде потполно оправдан. Тогаш ќе се покаже

дека Бог во сите свои постапки со бунтот секогаш ги имал предвид 339
вечните интереси на својот народ и доброто на сите светови што ги создал. Сатаната пред целата вселена ќе ја признае праведноста на Божјето владеење и оправданоста на неговиот закон.

Не е далеку времето кога Бог ќе се подигне да го оправда својот погазен авторитет. „Господ излегува од своето живеалиште да ги казни земните жители за нивното беззаконие“ (Исаија 26,21). „Но кој ќе го издржи денот на неговото доаѓање и кој ќе устои кога ќе се јави Тој?“ (Малахија 3,2).

Поради својата грешност, израелскиот народ не смеел да се приближи кон горатa кога Бог имал намера да слезе на неа за да го објави својот закон, зашто сите би биле уништени со разгорената слава на неговото присуство. Кога со таква манифестација на неговата сила било обележано местото избрано за објавување на Божјиот закон, колку дури страшен ќе биде неговиот суд кога ќе дојде да ги оправда тие свети прописи? А како ќе ја поднесат неговата светост во големиот ден на крајната пресметка оние што го газеле неговиот авторитет? Чувството на страв и ужас што го поднеле Израелците на Синај требало да им ги предочи сцените на судењето. Звук на труба ги повикал Израелците да излезат во пресрет на својот Бог. Со глас на архангел и со Божја труба на крај ќе бидат повикани и живите и мртвите од цела земја да излезат пред својот Судија. На Синајската гора, во придружба на мноштво ангели, биле и Отецот и Синот. Во големиот суден ден Христос ќе дојде „во славата на својот Отец со своите ангели“ (Матеј 16,27). Тогаш Тој ќе седи на престолот на својата слава, а пред него ќе бидат собрани сите народи.

Кога божественото присуство се покажало на Синај, славата Господова во очите на Израелците изгледала како оган кој уништува сè. Но кога Христос ќе доаѓа во слава на сите свети ангели, сета земја ќе биде како во пламен од неопишаната светлина на неговото присуство. „Иде нашиот Бог, и ќе прозбори. Пред него е оган разгорен, околу него бура. Тој ги повикува небесата озгора и земјата, за да му суди на својот народ“ (Псалм 50,3.4). Пред него ќе излегува и ќе тече „огнена река“ (Даниел 7,10), така што „и стихиите ќе пламнат и ќе се разрушат, а земјата, и сè што е на неа, ќе изгори“ (2. Петрово 3,10). Господ Исус ќе се појави „од небото во пламенен оган во придружба на ангелска војска да им се одмазди
на оние кои не сакаат да го признаат Бога и кои не ја прифаќаат 340
радосната вест за нашиот Господ Исус Христос“ (2. Солуњаните 1,7.8).

Откако е создаден човекот, никогаш не се видела таква манифестација на Божјата сила како при објавувањето на законот на

Синај. „Земјата се тресеше, од небото дожд лееше пред Бога, Синај се тресеше пред Бога, пред Израеловиот Бог" (Псалм 68,8). Среде најстрашни потреси на вознемирената природа се слушнал Божји глас од облакот како звук на труба. Планината се тресела од подножјето до врвот, а илјадници Израелци, пребледени и тресејќи се од страв, падналe ничкум на земја. Оној, чијшто глас тогаш ја потресол земјата, порачува: „Уште еднаш, јас ќе ја потресам не само земјата, туку и небото" (Евреите 12,26). Светото писмо кажува: „Господ ќе загрми од височините и од своето свето живеалиште ќе издигне глас", „ќе затреперат небото и земјата" (Еремија 25,30; Јоил 3,16). Во тој голем ден дури и небото ќе се повлече „како свиткана книга" (Откровение 6,14). А сите планини и секој остров ќе се поместат од своето место. „Земјата ќе се тетерави како пијан човек, ќе се ниша како колиба; беззаконието толку ќе ѝ отежне, што ќе падне и нема веќе да стане" (Исаија 24,20).

„Затоа рацете на сите отпаднаа, срцето на секој човек се стопи. Тие се ужасија, грчеви и болки ги опфатија, се мачат... зашеметени гледаат едни во други, лицата им пламнаа." „Јас ќе го казнам светот за злото, и нечесните - за нивните беззаконија; ќе го премавнам високоумството на гордите и ќе ја понизам надуеноста на угнетувачите" (Исаија 13,7.8.11).

Кога Мојсеј се вратил од гората каде што бил во Божје присуство и каде што ги примил плочите на сведоштвото, грешниот израелски народ не можел да ја поднесе светлината што зрачела од неговото лице. А како ќе можат грешниците да гледаат во Божјиот Син кога ќе дојде во слава на Отецот и опкружен со сите небесни чети да им суди на престапниците на својот закон и на сите што го презреле и го отфрлиле неговото помирување? Оние што го запоставиле Божјиот закон и ја газеле Христовата крв, „и земните цареви, и благородниците, и богатите, и војводите и силните...", ќе се скријат „во пештери и горски камења, велејќи им на планините
341 и на карпите: 'Паднете врз нас и скријте нè од лицето на Оној што седи на престолот и од гневот на Јагнето, зашто дојде големиот ден на неговиот гнев и кој може да устои?'" (Откровение 6,15-17). „Во тој ден човекот ќе ги фрли своите сребрени и своите златни идоли... и ќе влезе во камени процепи и во планинските долови од страв пред Господа и од славата на неговото величие, кога ќе се крене Тој да ја разруши земјата" (Исаија 2,20.21).

Тогаш ќе стане очигледно дека бунтот на сатаната против Бога предизвикал пропаст не само за него туку и за сите што се согласиле да бидат негови приврзаници. Тој им прикажувал дека со престапот се постигнуваат многу добра, но на крај јасно ќе се покаже дека „плата за гревот е смрт" (Римјаните 6,23). „Зашто,

ете, ќе настапи ден кој гори како печка; тогаш сите горди и оние кои постапуваат нечесно ќе бидат како слама, и ќе ги изгори денот што иде, вели Господ Саваот; и така, нема да остане од нив ни корен ниту гранчиња" (Малахија 4,1). Сатаната, како корен на сите зла, и сите што прават зло, како гранки, ќе бидат потполно уништени. Ќе му биде ставен крај на гревот, на пропаста и на сите неволји што ги предизвикал тој. Псалмистот кажува: „Ги сотре безбожниците: им го избриша името за век веков. Дотолчени се душманите - ни спомен од нив не остави" (Псалм 9,5.6).

Но среде лувањата на божествените казни, Божјите деца ќе немаат причина да се плашат. Господ ќе „биде прибежиште на својот народ и крепост на синовите Израелови" (Јоил 3,16). Оној ден, кој на престапниците на Божјиот закон ќе им донесе страв и пропаст, на послушните ќе им осамне „со неискажлива и прославена радост" (1. Петрово 1,8). „Соберете ми ги моите свети", кажува Господ, „кои склучија со мене сојуз со помош на жртва. Тогаш небесата ја објавија неговата правда, зашто истиот Бог е судија" (Псалм 50,5.6).

„Тогаш ќе ја видите разликата меѓу праведникот и безбожникот, меѓу оној кој му служи на Бога и оној кој не му служи" (Малахија 3,18). „Послушајте ме вие, кои ја познавате правдата, народе, кој во своето срце имаш закон!" „Ете, јас ја земам од твојата рака чашата што опива и од чашата на мојата јарост ти веќе нема да пиеш." „Јас сум ваш утешител" (Исаија 51,7.22.12). „Планините ќе се поместат и ридовите ќе се разнишаат, но мојата милост нема да отстапи од тебе и заветот на мојот мир нема да се разниша, вели Господ, кој 342
те милува" (Исаија 54,10).

Со големиот план на спасението светот ќе биде вратен во својата првобитна состојба. Сè што било загубено со гревот, со Божјата милост повторно ќе биде вратено. Искупен е не само човекот, туку и целата земја - да биде вечна татковина на послушните. Сатаната шест илјади години со сите сили се бори земјата да ја задржи под своја власт. Сепак, првобитната Божја цел, она заради што земјата и е создадена, конечно ќе се оствари. „Потоа светите на Севишниот ќе го преземат царството и ќе владеат со него во веки векови" (Даниел 7,18).

„Од исток до запад нека се прославува името Господово" (Псалм 113,3). „И Господ ќе биде цар над сета земја; во тој ден Господ ќе биде единствен и неговото име - едно единствено" (Захарија 14,9). Во Светото писмо стои: „Твојот збор, Господе, останува довека, цврсто поставен на небесата." „Делата на неговите раце се верни и праведни, а неговите заповеди се веродостојни; цврсто стојат од век до века, засновани на верност и правда" (Псалм 119,89; 111,7.8). Светите прописи што сатаната ги мразел и настојувал да ги уништи

ќе бидат ценети и почитувани во целата безгрешна вселена. И „како во земјата што ‘ртат никулците, како во градината што никнуваат семињата, така Господ Бог ќе направи да никне правда и слава пред сите народи“ (Исаија 61,11).

30

# СВЕТИЛИШТЕТО И СЛУЖБИТЕ ШТО СЕ ОДРЖУВАЛЕ ВО НЕГО

*Оваа глава е заснована на 2. Мојсеева 25 - 40 глава, и 3. Мојсеева 4 - 16 глава*

Додека бил со Бога на горага, на Мојсеја му било наредено: „Нека ми направат Светилиште за да престојувам меѓу нив“, и му биле дадени детални упатства за подигање на шаторот и за целокупната негова конструкција. Со својот отпад Израелците го загубиле благословот на божественото присуство, па за извесно време било оневозможено да се подигне Божето Светилиште меѓу нив. Меѓутоа, бидејќи подоцна повторно примиле небесна милост, големиот водач пристапил кон извршување на божествената заповед.

Одбрани луѓе Бог надарил со посебна вештина и мудрост потребни за подигање на таа света градба. Лично Бог на Мојсеја му дал план за градењето и му ги објаснил сите подробности во врска со големината, со обликот и со материјалот што ќе се употреби, но и во врска со сите предмети со кои Светилиштето ќе биде опремено. Тоа Светилиште, градено со човечки раце, требало да биде „слика на вистинското“, слика на „небесните стварности“ (Евреите 9,24.23). Тоа во минијатура го претставувало небесниот храм во кој нашиот Првосвештеник, Христос, откако го принел својот живот на жртва, ги застапува грешниците. Додека бил на горага, Бог на Мојсеја му го покажал небесното Светилиште и му наредил да направи сѐ точно според мустрата што му е покажана. Мојсеј сите тие упатства им ги пренел на старешините на Израел и внимателно сите ги запишал.

За градење на Светилиштето биле потребни големи и скапи подготовки. Бил потребен најскапоцен материјал во големо количество, а сепак Господ примал само доброволни дарови. „Кажи им на синовите Израелови да ми соберат прилог; земете прилог кој од драго срце ми дава.“ Така гласела Божјата заповед што му

ја повторил Мојсеј на собирот. Прво што се барало во подготовката на местото каде што требало да престојува Севишниот, било искрено оддавање на чест на Бога и дух на пожртвуваност.

344 Народот еднодушно се озвал. „А потоа секој на кого срцето му сакаше и кого душата го поттикнуваше, дојде носејќи свој принос во чест на Господа за градење на шаторот за состанок, за секоја служба во него и за посветена одежда. Побрзаа мажи и жени: сите што срцето ги влечеше принесуваа печати, алчиња, обетки, прстења и веришки, секакви златни работи; секој кој сакаше, принесуваше злато на Господа."

„И секој кој имаше сина, црвена и темноцрвена ткаенина и висон ткаен, кожи овнешки, црвени, и кожи сини, кожи козји - принесуваа. И секој кој донесуваше сребро или туч, му го принесуваше како дар на Господа; и кој имаше багремово дрво, го принесуваше за секоја потреба."

„И сите жени, кои беа вешти во рачно предење, принесуваа сè што ќе испредеа - преѓа сина, црвена и темноцрвена и препредена. И пак сите жени чиешто срце сакаше, а беа вешти, предоа пурпур."

„А старешините принесуваа камен оникс и камење за украсување на плеќникот и градникот; исто така и масло за осветление и масло за помазание и миризлив темјан" (2. Мојсеева 35,21-28).

Додека работите околу подигањето на Светилиштето биле во тек, сиот народ, старо и младо, мажи, жени и деца - носеле дарови сè додека мајсторите не утврдиле дека е доволно, па дури и дека е повеќе отколку што може да се употреби. И Мојсеј бил присилен јавно да објави: „Ни маж ни жена да не принесува ништо веќе како дар за Светилиштето. И народот престана да принесува." (2. Мојсеева 36,6). Незадоволството и поплаките на Израелците, како и казните со кои Бог ги казнувал поради нивните гревови, се забележани само како опомена за подоцнежните поколенија; додека нивната преданост, ревност и пожртвуваност претставуваат пример достоен да се следи. И сите на кои им е мила службата на Бога и кои ги ценат благословите на неговото свето присуство, ќе покажат ист дух и иста пожртвуваност кога е во прашање подигање на таков дом каде што Тој ќе може да се сретнува со нив. Тие ќе се трудат на Бога да му принесуваат жртва од најдоброто што го имаат. Домот изграден за Господа не смее да има долгови, зашто со тоа се обесчестува неговото име. Средствата од доброволните прилози за довршување на таквата работа треба да бидат доволни за да можат работниците, како и некогаш градителите на Свети-
347 лиштето, да кажат: „Народот принесува повеќе отколку што е потребно да се извршат работите што ги заповеди Господ."

Светилиштето било направено така што Израелците при своите преселби можеле во секое време да го расклопат и да го понесат. Затоа тоа било долго само приближно седумнаесет метри, а широко и високо приближно по пет и пол метри. Но сепак тоа била прекрасна и сјајна градба. За градењето на Светилиштето и за некои делови на опремата било употребено багремово дрво затоа што од сето друго дрво што можело да се најде на Синај, тоа било најотпорно против гниење. Ѕидовите ги сочинувале исправено поставени штици што биле вглавени во сребрени основи, прицврстени со столбови и поврзани со попречни рези. Сè било обложено со злато, што на целата градба ѝ давало изглед како да е од чисто злато. Покривот го сочинувале четири слоја покривки, од кои најдолната била „од сина, црвена и од темноцрвена ткаенина и ткаен висон, и на неа нека има уметнички извезени херувими". Другите три слоја се состоеле еден од козји влакна, друг од црвено бојадисани овенски кожи, а третиот од јазовечки кожи, и тоа сè така составено да сочинува една целина и потполна заштита.

Внатрешниот простор на Светилиштето бил поделен на два дела *(две одделенија: првото одделение наречено светиња, а второто светиња над светињите, заб. на прев.)* разделени со богата и убава завеса што ја придржувале столбови обложени со злато; иста таква завеса го затворала влезот и во првото одделение. Овие завеси, како и внатрешната покривка која го сочинувала долниот дел на таванот или сводот, биле изработени во најубави бои - сина, виолетова и црвена. Покрај тоа, на нив со златен и сребрен конец биле извезени херувими, со што симболично биле претставени војски на ангели поврзани со делото што се врши во небесната светиња, службени духови што му помагаат на Божјиот народ на земјата. Светиот шатор бил опкружен со отворен простор, наречен трем, кој бил заграден со завеси од најфино платно, закачени на столбови од месинг. Влезот во тој заграден простор се наоѓал на источната страна и бил затворен со завеси прекрасно изработени од скапоцен материјал, кои сепак биле помалечки од завесите на Светилиштето. Бидејќи завесите на тремот биле напола пониски отколку ѕидовите на Светилиштето, народот јасно можел да го види Светилиштето од неговата надворешна страна. Во тремот, недалеку од влезот, бил сместен олтар (жртвеник) од месинг за жртви паленици. На тој жртвеник му биле принесувани на Бога сите жртви паленици, а неговите рогови биле прскани со крвта на измирување. Меѓу олтарот и влезот во Светилиштето бил поставен мијалник кој исто така бил направен од месинг, искован од огледалата што доброволно ги приложиле израелските жени. Во тој мијалник свештениците ги миеле рацете и нозете секогаш кога влегувале во

348 Светилиштето или кога пристапувале кон олтарот да му принесат жртва на Господа.

Во првото одделение, или во светињата, се наоѓала маса со поставени лебови, свеќник и златна кадилница. Трпезата со поставени лебови се наоѓала на северната страна. Порабена со украсен венец, таа била сета обложена со злато. На таа маса свештениците секоја сабота морале да поставуваат дванаесет пресни лебови, да ги поделат на два дела и потоа да ги окадат со темјан. Тие лебови подоцна, бидејќи биле сметани како свети, можеле да ги јадат само свештениците. На јужната страна бил сместен седумкрак свеќник со седум светилки. Краците му биле украсени со извонредно убаво изработени цветови кои личеле на крин, а целиот свеќник бил изработен од чисто злато. Бидејќи на светињата немало прозорци, светилките морале да горат ден и ноќ и никогаш не смеело истовремено да се угаснат сите светилки на свеќникот. Пред завесата што ја одделувала светињата од светињата над светињите, од местото на Божјето непосредно присуство, стоел златен кадилен олтар. На тој олтар свештениците секое утро и секоја вечер палеле миризлив темјан. Роговите на олтарот ги мачкале со крвта на жртвите принесени за грев, а на денот на помирување целиот олтар бил испрскан со крв. Огнот на тој олтар го запалил сам Бог, па затоа тој најгрижливо е одржуван како свет оган. Дење и ноќе мирисот на светиот темјан се ширел низ светите простории и се разнесувал низ околината на Шаторот за состанок.

Зад внатрешната завеса била светињата над светињите (или најсветото место, заб. на прев.), централна точка на сликовитата служба на помирување и посредување, што претставувало алка меѓу небото и земјата. Во тоа одделение се наоѓал ковчегот на заветот, направен од багремово дрво, окован во злато и однадвор и однатре, а при врвот порабен со златен венец. Тој ковчег бил направен во него да се чуваат камените плочи на кои Бог ги напишал десетте заповеди. Наречен е ковчег на Божјето сведоштво, или ковчег на заветот, зашто десетте Божји заповеди ја сочинувале основата на заветот (сојузот) склучен меѓу Бога и Израел.

Поклопецот на светиот ковчег - наречен престол на милоста - бил направен од чисто злато и наткрилен со херувими исто така направени од злато и поставени еден спроти друг. По едно крило на секој херувим било свртено кон горе, додека другото, во знак на страхопочит и понизност, го засолнувало телото на ангелот (види Езекил 1,11). Ставот на двата ангела, кои биле свртени еден кон друг и со страхопочит гледале во ковчегот на заветот, ја претста-
349 вува онаа почит со која небесните чети гледаат во Божјиот закон и нивното интересирање за планот на откупувањето.

Над престолот на милоста почивал облак на славата, манифестација на Божјето присуство, а преку херувимите Бог ја објавувал својата волја. Од тој облак божествените пораки понекогаш му биле соопштувани на првосвештеникот. Понекогаш светлосен зрак би паѓал на десниот ангел и со тоа би потврдувал дека Бог е задоволен. Сенката на левиот ангел го покажувала Божјето негодување или отфрлање.

Божјиот закон што се наоѓал во тој ковчег претставувал големо мерило на правдата и судот. Според тој закон се изречувани смртни пресуди над престапниците; но над законот се наоѓал престол на милоста на кој се откривало Божјето присуство и од кој, благодарение на помирувањето остварено преку Христа, грешникот добивал проштавање. Така во Христовото дело за нашиот откуп, симболички прикажуван со службата во Светилиштето, се исполнуваат зборовите: „Милоста и вистината ќе се сретнат, правдата и мирот ќе се бакнат“ (Псалм 85,10).

Нема зборови со кои би можеле да се опишат славата и убавината на амбиентот што го давала внатрешноста на Светилиштето; позлатените ѕидови, од кои одблеснувала светлината од златниот свеќник и раскошните прелевања на боите од богато извезените завеси со нивните блескотни ликови на ангелите, масата и кадилниот олтар - сето тоа, позлатено, создавало фантастично убава глетка. А зад завесата светиот ковчег на заветот со своите таинствени херувими, над кои се реел свет славен облак - видливо откровение на Божјето присуство. Меѓутоа, сето тоа било само слаб одблесок на славата на Божјиот храм на небото, на големото средиште на неговото дело за откуп на човекот.

За градење на Светилиштето било потребно време од околу половина година. Кога било завршено, Мојсеј ги прегледал сите работи и ги споредил со мустрата што му била покажана на гората и со упатствата што ги добил од Бога. „И ги погледа Мојсеј сите тие работи, и ете, тие беа ги направиле како што беше заповедал Господ, така беа ги направиле. И ги благослови Мојсеј.“ Израелците во групи брзале сакајќи да ја видат светата градба. Додека тие се гордееле со глетката, над Светилиштето се наднел столб од оган, се спуштил над него и целосно го обвил облак. „И се наполни шаторот со славата Господова.“ Тоа било откровение на Божјето величество, па за извесно време ни Мојсеј не можел да влезе во Светилиштето. Длабоко возбудени, Израелците го посматрале знакот кој им сведочел дека делото на нивните раце било прифа- 350
тено. Не се слушнал ниту еден глас како израз на радост. Сите биле опфатени со свечена страхопочит. Радоста на нивното срце

нашла излив во солзи радоснички и тие тивко шепотеле зборови на сесрдна благодарност на Бога што дошол да престојува меѓу нив.

По Божја наредба, за служба во Светилиштето било изделено племето на Левие. Во најстаро време секој домаќин бил и свештеник на своето семејство. Според законот за наследство, во времето на Аврама се сметало дека свештенството му припаѓа на најстариот син. Наместо првенците на сиот израелски народ, сега Господ го зел племето на Левие да врши служба во Светилиштето. Со таа видлива чест Бог покажал колку ја цени нивната верност, како во приврзаноста кон неговата служба, така и во извршувањето на неговата казна кога цел Израел отпаднал клањајќи се пред златното тело.

Меѓутоа, свештеничката служба била ограничена на семејството на Арона. Само на Арона и на неговите синови им било дозволено да служат пред Бога. На другите припадници на племето им била доверена грижа за шаторот и за неговата опрема и задача да им помагаат на свештениците при богослужението; но не смееле да принесуваат жртви, да кадат ниту да ги посматраат светите предмети додека не ставаат превез на лицето.

Во сообразност со должноста што требало да ја извршуваат, на свештениците им била пропишана и посебна облека. „И направи му света одежда на својот брат Арон за чест и слава“, така Бог му наредил на Мојсеја. Облеката на обичниот свештеник била направена од бело ленено платно исткаена од еден дел. Била долга речиси до стапалата, а во половината обвиена со бел ленен појас извезен со сина, виолетова и црвена боја. Таа нивна облека ја надополнувал ленен турбан или митра.

На Мојсеја пред грмушката што горела му било наредено да ги собуе обувките од нозете, зашто земјата на која стоел е света. Така ниту свештениците не смееле да влегуваат во светињата обуени, зашто дури и со честиците од правот што ќе се задржат на обувките може да се оскверни тоа свето место. Обувките морале да ги оставаат во тремот и, пред да влезат во светињата, морале да ги измијат и рацете и нозете и дури тогаш можеле да пристапат кон богослужение или кон принесување на жртва. Така постојано пред очи им била поуката дека оние што сакаат да му се приближат на Господа мора да бидат слободни од сè што ја сквернави и ја валка душата.

Облеката на првосвештеникот била направена од скапоцен
материјал и прекрасно уметнички изработена, што и му приле-
351 гало со оглед на неговата висока положба. Покрај ленена облека
на обичен свештеник, тој носел и одежда или плашт од порфир
(виолетово-сина ткаенина со црвеникави преливи), кој исто така

бил исткаен од еден дел, додека работ му бил украсен со златни ѕвончиња и со украси во форма на калинки кои биле извезени со конец со сина, виолетова и црвена боја. Над тоа носел плеќник, кус горен дел на свечена облека „од злато, од сина, црвена и темноцрвена ткаенина и од ткаен висон“. Бил опашан со прекрасно изработен појас од ист материјал. Плеќникот бил без ракави и на неговиот, со злато извезен граден дел, биле вградени два оникскамена на кои биле врежани имињата на дванаесетте израелски племиња.

Над тој плеќник носел градник, најсвет дел на свештеничката облека. Бил изработен од истиот материјал како и плеќникот. Имал форма на четириаголник и по едно копче на секоја страна, така што можел да се обеси на златни алки на сини врвки и да виси на рамениците на плеќникот. Рабовите му биле украсени со разновидни скапоцени камења, и тоа од истите видови од кои се направени и дванаесетте темели на Божјиот град. Покрај тие рабови биле сместени скапоцени камења прицврстени во злато и наредени во редови по четири во кои, исто како и во оникскаменот, вграден во плеќникот, биле врежани имињата на дванаесетте Израелови племиња. Господ наредил: „Арон нека ги носи имињата на синовите Израелови на судскиот градник над своето срце кога ќе влегува во светињата, за спомен пред Бога.“ Така и големиот Првосвештеник, Христос, повикувајќи се пред Отецот на својата крв пролеана за грешниците, го носи во своето срце името на секоја душа која се кае и верува. Така и псалмистот кажува: „А јас сум сиромав и беден, Господ ќе се погрижи за мене“ (Псалм 40,17).

Десно и лево на градникот се наоѓале два големи и мошне сјајни камења познати под името Урим и Тумим. Преку нив Божјата волја му била објавувана на првосвештеникот. Кога се изнесувале пред Господа прашања од пресудна важност, Тој своето одобрување или согласност ја изразувал со светол круг околу десниот камен, а своето негодување или незадоволство со сенка околу левиот камен.

Митрата (света круна) на првосвештеникот се состоела од бел ленен турбан на кој со сина врвка била прицврстена златна табличка со натпис: „Светиња на Господа.“ Сè што било во врска со облеката или со држењето на првосвештеникот, морало кај гледачот да предизвика впечаток и претстава за Божјата возвишеност и за светоста на неговата служба, како и за неопходноста од чистота на оние што доаѓаат во негово присуство.

„Сликата и сенката на небесните стварности“ (Евреите 8,5) 352
требало да му служи не само на Светилиштето, туку и на службата што ја вршеле свештениците. Поради тоа, оваа служба била мошне значајна, а Бог преку Мојсеја потполно јасно ја определил секоја нејзина подробност. Богослужението во Светилиштето се состоело

од два дела - од секојдневна служба и од онаа што се вршела еднаш годишно. Секојдневната служба се вршела во тремот крај олтарот или жртвеникот, и во првото одделение на Светилиштето; додека годишната служба се вршела во светињата над светињите.

Ниеден смртник, освен првосвештеникот, не смеел да ја види внатрешноста на светињата над светињите. Само еднаш годишно свештеникот смеел да влезе и тоа дури по најгрижливи и најсериозни подготовки. Влегувал тресејќи се, а народот со страхопочит и молчејќи чекал тој да се врати. При тоа срцата им биле полни со сериозни молитви за Божји благослов. Пред ковчегот, над кој се наоѓал престолот на милоста, првосвештеникот вршел служба на помирување за Израел, а во светиот облак на славата Бог се сретнувал со него. Во колку тој би се задржал подолго одошто обично, тие би биле вџашени, плашејќи се можеби да не загинал од Божјата слава поради нивните или пак поради своите гревови.

Секојдневната служба се состоела од утринско и вечерно принесување на жртва паленица, од палење на темјан на златниот кадилен олтар и од посебни жртви за гревовите на поединците. Освен тоа, имало жртви што се принесувани месечно, во сабота и на нарочни празници.

Секое утро и секоја вечер на олтарот се спалувало по едно едногодишно јагне. Освен тоа, принесувана е и храна што го претставувала секојдневниот дар што му го принесувал народот на Јехова и нивната постојана зависност од Христовата крв на помирување. Бог изрично заповедал дека секоја жртва што му се принесува нему мора да биде здрава и без мана (2. Мојсеева 12,5). Свештениците биле должни да прегледаат секое животно што било доведено за жртва и да вратат секое кај кое ќе најдат некаква фаличност. Само онаа жртва што била „без мана“ можела сликовито да ја претставува апсолутната чистота на Оној кој бил очекуван да го принесе својот живот на жртва „како простодушно и пречисто Јагне“ (1. Петрово 1,19). Апостол Павле упатува на таа жртва за да покаже какви треба да бидат Христовите следбеници. Тој кажува: „Браќа, во името на милоста Божја, ве молам, подајте ги вашите тела во жртва жива, света и благоугодна на Бога, и тоа ќе биде вашата духовна служба“ (Римјаните 12,1). Сите ние треба со сето свое битие да ѝ се посветиме на Божјата служба и да се трудиме таа жртва да ја сториме колку што е можно посовршена. Бог ќе биде задоволен само тогаш ако му го дадеме најдоброто
353 што го имаме. Секој што го љуби со сето срце, ќе сака да му го посвети најдобриот дел на својот живот и постојано ќе се труди сите сили на своето битие да ги доведе во хармонија со законите

на природата, со што неговите умни и духовни способности, како и подготвеноста да му послужи на Бога, ќе бидат потпомогнати.

Со принесувањето на темјан свештеникот стапувал во врска со Божјето присуство понепосредно отколку со кој било друг дел на секојдневното богослужение. Бидејќи внатрешната, или втората завеса на светињата, не допирала до таванот на шаторот, Божјата слава, која се откривала над престолот на милоста, можела делумно да се види и од првото одделение. Принесувајќи темјан пред Господа, свештеникот гледал кон ковчегот на заветот и, како се издигнувал чадот од миризливиот темјан, Божјата слава се спуштала врз ковчегот и често во толкава мера ги исполнувала двете одделенија на Светилиштето, што свештеникот морал да се повлече до вратата на светињата. Како и во сликовитата служба, во која свештеникот со вера гледал во престолот на милоста што не можел да го види, така и Божјиот народ сега му упатува молитви на Христа, на својот голем Првосвештеник кој, иако невидлив за човечките очи, во небесното Светилиште посредува за нив.

Мирисот на темјанот што се издигнувал заедно со молитвите на Израел ги претставувал заслугите и посредувањето на Исуса Христа, неговата совршена праведност која со вера му се засметува на неговиот народ и која единствено може да стори службата на грешните човечки суштества да биде прифатлива и угодна пред Бога. Пред завесата на светињата над светињите бил сместен олтар на постојано посредување, а пред влезот во светињата олтар на постојана служба на помирување. Пред Бога можеле да излегуваат со крв или со темјан - симболи што укажувале на големиот Посредник преку кого грешниците можат да му се приближат на Господа, кон Единствениот кој на душата која верува и која се кае може да ѝ обезбеди милост и спасение.

Кога свештениците наутро и навечер влегувале во светињата да палат темјан и да кадат, секојдневната жртва веќе стоела приготвена чекајќи да биде принесена на олтарот (жртвеникот) што се наоѓал во предворјето. Тоа бил миг на најдлабоко интересирање за сите кои, собрани пред Светилиштето, го чекале богослужението. Пред да стапат во Божје присуство со посредство на службата на свештеникот, задолжително морале да ги испитаат своите срца и да ги признаат своите гревови. Со лицето свртени кон Светилиштето, тие се соединувале во тивка молитва. Така нивните молитви се издигнувале кон небото заедно со облакот од миризливиот темјан, додека со вера се повикувале на заслугите на ветениот Спасител, симболично претставен со жртвата. Часовите одредени за утринска 354
и вечерна жртва се сметани за свети и кај целиот еврејски народ важеле како време одредено за богослужение. А во подоцнежните

времиња, кога Евреите се растуриле низ оддалечените земји како робови, секогаш во исто време би се свртувале со лицето кон Ерусалим и своите молитви би му ги упатувале на Израеловиот Бог. Во тој обичај христијаните можат да видат пример за утринска и вечерна молитва. Додека ги осудува обичаите кои претставуваат само повторување на формалноста без животен дух на побожност и молитва, Бог со големо задоволство ги гледа оние што го љубат и кои секое утро и секоја вечер се поклонуваат пред него, барајќи проштавање за своите гревови и молејќи се за благослов.

Лебовите поставени во светињата редовно се заменувани и поставани пред Бога како постојана понуда. Така тие сочинувале составен дел на секојдневната жртва. Наречени се „поставени лебови“ или „лебови на присуството“, зашто постојано биле пред Господовото лице. Тоа било знак на човековото признание дека за својата храна, и во телесен и во духовен поглед, зависи од Бога и дека сѐ прима благодарение на Христовото посредување. Бог Израелците во пустината ги хранел со леб од небото и тие постојано зависеле од неговата добрина и во земна храна и во духовните благослови. И маната и лебовите, поставени во светињата, укажувале на Христа, на живиот леб кој е вечно во Божје присуство заради нас. Тој сам вели: „Јас сум жив леб кој слезе од небото“ (Јован 6,48-51). На лебовите ставале темјан, а во сабота, кога лебовите се заменувале со тазе лебови, темјанот го спалувале на олтарот во знак на сеќавање на Бога.

Најважен дел на секојдневното богослужение бил оној кој се однесувал на службата за поединците. Грешникот, кој се покајал, ја донесувал својата жртва пред вратата на шаторот за состанок и, ставајќи ги рацете врз главата на животното, ги исповедал своите гревови, со што симболично ги пренесувал од себе на невината жртва. Потоа со своја рака би го заклал животното, а свештеникот крвта ја внесувал во светињата и прскал со неа пред завесата зад која се наоѓал ковчегот со законот што го престапил грешникот.

Со таа церемонија гревот, со посредство на крвта, симболично е пренесуван во светињата. Во некои случаи крвта не е внесувана во светињата, туку свештеникот морал да го изеде месото, како што им заповедал Мојсеј на Ароновите синови: „Таа ви ја дава
355 Господ за да го отстраните гревот од народот“ (3. Мојсеева 10,17). Обете церемонии сликовито го претставувале пренесувањето на гревот од покајникот во светињата.

Таква била службата која во текот на цела година е вршена секој ден. Бидејќи гревовите на Израелците на тој начин биле пренесени во светињата, таа станувала нечиста и било неопходно да се изврши едно посебно дело и од неа да се отстранат гревовите.

Бог наредил да се изврши помирување за секое одделение, како и за олтарот, „за да се очисти и освети од нечистотиите на синовите Израелови" (3. Мојсеева 16,19).

Еднаш годишно, на големиот ден на помирување, свештеникот влегувал во светињата над светињите да ја очисти. Со службата што ја вршел тука го надополнувал богослужението што се вршело во текот на целата година.

На денот на помирувањето доведени се пред шаторот за состанок два јарца и тука за нив била фрлана ждрепка: „Една ждрепка за Господа, а друга ждрепка за Азазела (сатаната)." Првиот јарец требало да биде заклан и принесен како жртва за гревовите на народот, а свештеникот неговата крв ја внесувал зад завесата и го прскал со неа ковчегот на заветот по поклопецот. „И да го очисти Светилиштето од нечистотиите на синовите Израелови, од нивните неправди и од сите нивни гревови. Така тој треба да постапи и со шаторот за состанок, која е меѓу нив, среде нивните нечистотии."

„Потоа да ги положи Арон двете раце врз главата на живиот јарец, да ги исповеда над него сите беззаконија на синовите Израелови, сите нивни престапи и сите нивни гревови, и да ги стави врз главата на живиот јарец, а потоа да го пушти преку раката на определен човек во пустината." Сè додека јарецот на тој начин не бил отстранет, народот не се чувствувал слободен од товарот на своите гревови. Додека се вршело делото на помирување, секој требало да се кае и да ја мачи својата душа. Сите работи морале да бидат запрени, а целиот израелски народ морал овој ден да го поминува во молитва, во пост и длабоко испитување на срцето и во свечена понизност пред Бога.

Со таа служба, што е вршена еднаш годишно, народот требало да научи значајни вистини во врска со помирувањето. Сите жртви што се принесувани во текот на годината, во извесна смисла го заменувале лично грешникот, но крвта на жртвуваното животно не донесувала целосно измирување за гревот. Таа била предвидена само како средство со кое гревот од покајникот можел да се пренесе на светињата. Со тоа што принел крв, грешникот го признал 356
авторитетот на законот што го прекршил и покажал дека верува во Оној кој требало да ги отстрани сите гревови на светот; но со тоа грешникот не бил потполно ослободен од осудата и од клетвата на законот. На денот на помирувањето, првосвештеникот, принесувајќи жртва за целиот народ, влегувал во светињата над светињите и со крвта на закланата жртва го прскал престолот на милоста над ковчегот во кој се наоѓале плочите со Божјиот закон. Така барањата на законот, кој барал смрт за грешникот, биле задоволени. Потоа свештеникот, во улога на посредник, ги примил гревовите

на себе и, излегувајќи од светињата, го носел на себе товарот на кривицата на Израелците. Пред вратата на светињата ги ставал своите раце врз главата на јарецот кој го претставувал Азазела, „да ги исповеда над него сите беззаконија на синовите Израелови, и сите нивни престапи и нивни гревови". И кога тој јарец потоа е истеран, се сметало дека ги однел со себе и сите нивни гревови, па народот се ослободил од нив. Така била вршена службата која била „слика и сенка на небесните стварности" (Евреите 8,5).

Како што е кажано, земното Светилиште го направил Мојсеј според мустрата што му била покажана на гората. Светилиштето морало да остане како „сликовит доказ за сегашно време - според кој се принесуваат дарови и жртви". Двете свети одделенија биле „копија на небесните", а нашиот голем Првосвештеник, Христос, „е служител на Светилиштето и на вистинскиот шатор што го направи Господ, а не човек" (Евреите 9,9.23; 8,2). Кога на апостол Јован му било дозволено во видение да го разгледа Божјиот храм на небото, забележал како „од престолот излегуваа молњи, громови и гласови, и пред престолот гореа седум огнени светилки". „Тогаш дојде друг ангел со златна кадилница и застана пред жртвеникот. И му се даде многу темјан да го принесе во прилог на молитвите на сите свети на златниот жртвеник пред престолот" (Откровение 4,5; 8,3). Тогаш на пророкот му било дозволено да го разгледа првото одделение на Светилиштето на небото, и таму видел „седум огнени светилки" и „златен олтар", што во земното Светилиште биле претставени со седумкракиот златен свеќник и со кадилниот олтар. Потоа „се отвори Божјата црква на небото" (Откровение 11,19), и тој погледнал зад внатрешната завеса во светињата над светињите. Тука го видел „ковчегот на неговиот завет" (Откровение 11,19), претставен со светиот ковчег што бил направен според Мојсеева наредба со цел во него да се чува Божјиот закон.

357 Земното Светилиште Мојсеј го направил според мустрата што му била покажана (Дела 7,44). Павле тврди дека „скинијата (Светилиштето) и сите садови за служење" што биле изработени, ги претставувале „небесните стварности" (Евреите 9,21.23); а Јован кажува дека Светилиштето го видел на небото. Тоа Светилиште, во кое Исус посредува за нас, претставува голем оригинал според кој е изградено Светилиштето во времето на Мојсеја како копија.

Никаква земна градба не може да ја претставува големината и славата на небесниот храм во кој живее Царот над царевите и каде што „илјадници илјади" му служат нему, „и десет илјади по десет илјади" стојат „пред него" (Даниел 7,10) - оној храм кој е исполнет со славата на вечниот престол, каде што серафимите, свети засолнувачи на неговата слава, со најголема страхопочит ги

покриваат своите лица. Сепак, со помош на земното Светилиште и на неговото богослужение можат да се научат важни вистини за небесното Светилиштето и за големото дело што се врши таму за откуп на човекот.

По своето вознесение, Спасителот требало да ја почне својата првосвештеничка служба за нас. Павле кажува: „Имено, Христос не влезе во светиња над светињите направена со (човечка) рака, која е само слика на вистинската, туку во самото небо, да посредува за нас пред Божјето лице“ (Евреите 9,24). Како Христовата служба што се состои од два големи дела, од кои секој има одредено време и посебно место во небесното Светилиштето, така и земната служба се состоела од два дела, од секојдневно и од годишно богослужение, кои не се вршени во исто одделение на Светилиштето.

Како Христос по вознесението што се појавил пред Бога за да ја понуди својата крв како откуп за оние што се покајале, така и свештеникот во секојдневната служба со крвта на жртвата ја прскал светињата за грешникот да добие проштавање.

Христовата крв, иако покајаниот грешник го ослободувала од казната што ја бара законот, сепак, таа не го избришала веднаш гревот; тој мора да остане во светињата запишан до конечното помирување. Така и во симболичната служба со крвта на принесената жртва гревот бил отстранет од покајникот, но останувал во светињата сè до денот на помирувањето.

Во големиот суден ден мртвите ќе станат да примат плата „како што е напишано во книгите, според нивните дела“ (Откровение 20,12). Благодарение на заслугите на Христовата пролеана крв, тогаш гревовите на вистинските покајници ќе бидат избришани од небесните книги. Така Светилиштето ќе биде ослободено и 358
очистено од гревот. Во земната служба тоа големо дело на измирување или на бришење на гревот било симболично претставено со обредите вршени на денот на помирување - со чистењето на земното Светилиште - на тој начин што гревовите, кои го скврнавеле, конечно биле отстранети со помош на крвта на жртвата принесена за гревот.

При конечното измирување гревовите на вистинските покајници ќе бидат избришани од небесните книги и на нив никогаш веќе нема ниту да се помисли. Така и тогаш гревовите симболично биле однесени в пустина и засекогаш отстранети од заедницата.

Правдата бара сатаната најпосле да биде казнет, зашто тој е зачетник на злото и непосреден поттикнувач на сите гревови што предизвикале смрт на Божјиот Син. Христовото дело на откуп на човекот и чистењето на вселената од гревот ќе бидат окончани со отстранување на гревот од небесното Светилиште и со пренесу-

вање на целокупната кривица врз сатаната кој мора да прими конечна казна. Така и во симболичната служба годишниот циклус на обреди е завршуван со чистење на Светилиштето и со исповедање на гревот над главата на јарецот на Азазела кој го претставувал сатаната.

На тој начин со службата вршена во Светилиштето, а подоцна во храмот, народот секој ден бил поучуван на големите вистини во врска со Христовата смрт и со неговата служба; а еднаш годишно мислите им биле упатувани на завршните настани во големата борба меѓу Христа и сатаната - на конечното чистење на вселената од гревот и грешниците.

31

# ГРЕВОТ НА НАДАВА И АВИЈУДА

*Оваа глава е заснована на 3. Мојсеева 10,1-11*

По осветувањето на шаторот за состанок, биле посветени и свештениците за нивната света служба. Овие богослуженија траеле седум дена, од кои секој бил обележан со посебна церемонија. Осмиот ден тие стапиле во својата служба. Со помош на своите синови, Арон ја принел жртвата што ја барал Бог и, подигајќи ги своите раце, го благословил народот. Сè било сторено онака како што наредил Господ, и Тој ја примил жртвата и на необичен начин ја покажал својата слава; оган дошол од Господа и ја запалил жртвата на олтарот. Народот со страхопочит и со жив интерес ја посматрал оваа чудесна манифестација на Божјата сила. Тие во тоа виделе знак на Божјата слава и негово одобрување и, искажувајќи благодарност и обожавање, паднале ничкум како да се наоѓаат во непосредно присуство на Јехова.

Но набргу семејството на првосвештеникот одненадеж го снашла страшна несреќа. За време на богослужението, додека народот му упатувал на Бога молитви и пофалби, двајца Аронови синови зеле кадилници и „ставија во нив оган и врз огнот темјан“, па излегле пред Господа да кадат. Но тие ја прекршиле неговата заповед, ставајќи во кадилниците „туѓ оган“. За да го запалат темјанот, зеле обичен, наместо свет оган, што го запалил лично Бог и изрично го определил за таа цел. Поради тој грев е пуштен оган од небото и ги спалил пред очите на сиот народ.

Покрај Мојсеја и Арона, Надав и Авијуд заземале највисоки положби во Израел. Биле посебно почестени од Господа со тоа што, покрај седумдесеттемина старешини, им било дозволено да ја видат неговата слава на гората. Затоа за нивниот престап немало изговор ниту преку тоа можело лесно да се помине. Сето тоа нивната вина ја правело уште потешка. Луѓето нека не си ласкаат себеси дека непречено можат да грешат затоа што примиле голема светлина или затоа што, слично на израелските старешини, биле на „гората“ 360

и имале предност да комуницираат со Бога, да престојуваат во светлината на неговата слава, и дека Бог нема толку строго да ја казни нивната неправда само затоа што во свое време биле од него почестени. Тоа е судбоносна заблуда. Големата светлина и предимствата што сме ги примиле од нас бараат развивање на карактерот и светоста сразмерно со укажаните предимства. Ништо што е помалку од ова Бог не може да прифати. Никогаш не треба да се лулкаме во некаква безгрижност и сигурност затоа што ни е доделен некој посебен благослов или што сме стекнале некакво предимство. Тоа во никој случај не смее да ни дава слобода да грешиме ниту пак да нè поттикнува да веруваме дека Бог во своето постапување со нас нема да биде толку строг. Сите предимства што ни ги дал Бог служат само како негови помошни средства да внесат жар во нашиот дух, верност во нашите напори и енергија во нашите настојувања да ја исполниме неговата света волја.

Надав и Авијуд во својата младост не навикнале на самосовладување. Попустливата природа на нивниот татко и неговиот недостиг од цврстина за праведност сториле тој да го занемари дисциплинирањето на своите деца. Дозволил со неговите синовите да управуваат нивните склоности. Долго повторуваните навики да им попуштаат на своите желби во толкава мера загосподариле над нив, што дури ниту одговорноста пред најсветата служба немала сила да ги совлада. Тие не научиле да го почитуваат авторитетот на својот татко и затоа не увидувале колку е неопходно Божјите барања да се извршуваат со најголема точност. Ароновото неразумно попуштање пред синовите ги приготвило да станат предмет на божествената казна.

Бог сакал да го поучи својот народ да му пристапува со најголема страхопочит и тоа само на начин што го утврдил Тој. Тој не може да прифати делумна послушност. Не било доволно при тоа свечено богослужение „речиси“ сè да се стори онака како што одредил Тој. Тој изрекол проклетство над оние кои отстапуваат од неговите заповеди, не правејќи разлика меѓу светото и несветото. Тој преку пророкот објаснува: „Тешко им на оние кои злото го нарекуваат добро, а доброто - зло, темнината ја сметаат за светлина, а светлината - за темнина... Тешко на оние кои се мудри во своите очи и разумни пред самите себеси... кои за подароци го оправдуваат виновниот и ги лишуваат праведните од законитото... зашто тие го отфрлија законот на Господа Саваот и ја презреа речта на Светецот Израелов“ (Исаија 5,20-24). Никој нека не се лаже верувајќи дека некој дел од Божјите заповеди не е важен, или дека Тој ќе прифати каква било измена на неговите барања. Пророк Еремија кажува: „Кој рекол нешто и се случило? Нели

тоа Господ го заповедал?“ (Плачот на Еремија 3,37). Бог во својата Реч не дал ниту една заповед која луѓето можат по своја волја да ја држат или да не ја држат, а да не ги сносат последиците на својот избор. Ако луѓето одберат кој и да е друг пат освен целосна послушност, ќе се покаже дека „крајот му е пат што води во смрт“ (Мудри изреки 14,12). 361

„Тогаш Мојсеј им рече на Арона, на Елеазара и на Итамара, другите негови синови: ’Не откривајте ги вашите глави, а и вашите одежди да не ги кинете, за да не умрете и Господ да не се разгневи на целиот народ... зашто врз вас почива свето масло на помазание.“ Големиот водач го потсетил брата си на Божјите зборови: „Кај оние што ми се блиски ќе бидам свет; ќе се прославам пред сиот народ.“ Арон молчел. Смртта на неговите синови, кои толку ненадејно се оттргнати во толку страшен грев - во грев кој сега и самиот го увидувал и кој бил последица токму на неговото занемарување на должностите - срцето на таткото го исполнувала со длабока болка, но тој своите чувства не ги изразил. Не се осмелувал да ја покаже својата болка за да не изгледа дека соучествува во нивниот грев. Народот не смеел да биде наведен да се жали против Бога.

Господ сакал да го поучи својот народ да признае дека неговиот начин на постапување - начинот на кој поправа и казнува - е оправдан, со цел другите да го страхопочитуваат. Меѓу Израелците имало и такви за кои оваа ужасна казна претставувала опомена да не се занесуваат со надежта дека, сметајќи на Божјето трпение, ќе можат неказнето да грешат сè додека судбината не им биде потполно запечатена. Божествената осуда ги погаѓа оние што пројавуваат лажно сожалување кон грешникот кој настојува да го оправда својот грев. Гревот има моќ да ги умртви моралните чувства, така што престапникот не може да ја сфати големината на престапот и, лишен од влијанието на силата на Светиот Дух, останува делумно слеп за својот грев. Христовите слуги се должни овие заблудени души да ги предупредат на опасноста што им се заканува. Оние кои го уништуваат ефектот на опомената со тоа што пред грешникот го кријат вистинскиот карактер и последиците на гревот, се тешат дека со тоа ја покажуваат својата христијанска љубов. Меѓутоа, тие всушност само придонесуваат да се спречи дејствувањето на Светиот Дух и помагаат грешникот да му се противстави. Тие го лулкаат грешникот да спие на работ на пропаста. Тие стануваат соучесници во неговата кривица и се изложуваат на страшна одговорност за неговото останување во грев и во непокајание. Мнозина пропаднале поради тоа лажно и измамно сочувство.

Надав и Авијуд никогаш не би го сториле тој смртоносен грев кога пред тоа не би биле делумно опиени со изобилно пиење на

вино. Тие знаеле дека за влегување во светињата била потребна најгрижлива и најсвечена подготовка, зашто тука се покажувало
362 Божје присуство. Меѓутоа, со својата неумереност тие се дисквалификувале за таа света служба. Мислите им биле поматени, а сфаќањето на моралот отапено така што не биле веќе во состојба да прават разлика меѓу светото и обичното. На Арона и на неговите преостанати синови им била дадена опомена: „Вино и сикер да не пиете, ти и твоите синови, кога ќе влегувате во скинијата на сведоштвото, а и кога ќе пристапувате кон жртвеникот, за да не загинете; тоа нека биде вечен закон за вашите поколенија, за да можете да распознавате што е свето, а што не, и што е чисто а што не; учете ги синовите Израелови на сите заповеди што ви ги кажа Господ преку Мојсеја.“ Со употреба на алкохолните пијалаци телото слабее, умот се затемнува и моралните сили се понижуваат. Под влијание на алкохолот луѓето не ја сфаќаат светоста на она што е свето ниту задолжителноста на Божјите барања. Сите што заземаат положби на висока и света одговорност треба да бидат строго умерени со цел разумот да им биде бистар за да можат да ја разликуваат правдата од неправдата и да имаат цврсти начела и мудрост да делат правда и да укажуваат милост.

Исти обврски има секој Христов следбеник. Апостол Петар кажува: „Но вие сте род избран, царско свештенство, свет народ, луѓе придобиени“ (1. Петрово 2,9). Бог од нас бара сите наши сили да ги одржуваме во најдобра состојба за нашата служба да може да му биде нему угодна. Таму каде што се употребуваат опивни пијалаци ќе настанат исти последици како и во случајот на овие израелски свештеници. Совеста ќе ја загуби својата чувствителност и неизоставно ќе се стврдне до таа мера што разликувањето на светото и несветото не ќе има веќе никакво значење. Тогаш како можеме да ги задоволиме барањата на Божјите заповеди? „Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух, кој живее во вас и кој ви е даден од Бога? Не знаете ли дека не си припаѓате себеси, зашто скапо сте купени. Затоа, прославете го Бога со своето тело!“ „И така, јадете ли, пиете ли, или нешто друго правите, сето тоа правете го за слава Божја“ (1. Коринќаните 6,19.20; 10,31). На Христовата црква во сите времиња ѝ е упатена свечена и страшна опомена: „Ако некој го разорува Божјиот храм, него Бог ќе го разори, зашто Божјиот храм е свет, а тоа сте вие“ (1. Коринќаните 3,17).

32

# ЗАКОНИТЕ И ЗАВЕТИТЕ

На Адама и Ева уште од создавањето им бил познат Божјиот закон и тие точно знаеле што тој бара од нив. Прописите на тој закон биле напишани во нивното срце. Кога човекот паднал поради престапот, законот не е менуван, туку е воспоставен систем за спасување со цел престапниците повторно да се вратат на послушност. Било дадено ветување за доаѓање на Спасителот и воведен е жртвен систем кој однапред укажувал на Христовата смрт како голема жртва за гревовите на светот. Меѓутоа, кога Божјиот закон никогаш не би бил престапен, не би имало смрт ниту потреба да се ветува Спасител, и воопшто не би било потребно да се принесуваат жртви.

Адам своите потомци ги поучувал на Божјиот закон, и така законот, пренесуван од татко на син, им е предаван на следните поколенија. Но и покрај тоа што за спасението на човекот е сторено толку многу, мошне малку се оние што тоа го ценат и кои се враќаат на послушноста. Престапите на законот во толкава мера го расипале светот, што било неопходно со потоп да се „испере“ земјата од нејзината изопаченост. Тогаш законот бил сочуван преку Ное и неговото семејство и тие прописите на десетте заповеди им ги предале на своите потомци. Кога луѓето повторно отстапиле од Бога, Тој го одбрал Аврама, човек за кого можел да каже: „Аврам го слушаше мојот глас и им се покоруваше на моите заповеди, на моите закони и одредби“ (1. Мојсеева 26,5). Нему му бил даден обредот обрезание како знак дека, оние што го примиле, биле посветени во Божја служба - знак на заветот дека се изделиле од идолопоклонството за да му се покоруваат на Божјиот закон. Пропустот и неуспехот на Аврамовите потомци да го одржат тој завет - што се гледа од нивната склоност да склучуваат брачни врски со незнабошците и да ги прифаќаат нивните навики - предизвикале тие да престојуваат и да робуваат во Египет. Меѓутоа, 364
општењето со идолопоклониците и нивното присилно потчинување под власт на Египќаните придонеле Божјите прописи да бидат

уште повеќе расипани со примеси на ништожното и свирепо учење на незнабошците. Поради тоа Господ ги извел од Египет. Обвиен во слава и опкружен со ангели, Тој слегол на Синајската гора и со највпечатлива манифестација на својата величественост им го објавил својот закон така што тоа можел да го чуе сиот народ.

Па сепак, во таа пригода Тој своите прописи не ги препуштил на памтењето на народот, толку наклонет да ги заборави неговите барања, туку ги напишал на камени плочи. Бог сакал Израелците да ги лиши од секоја можност за мешање на незнабожечките преданија со неговите свети прописи или од можноста на замена на неговите барања со човечки прописи и обичаи. Но Тој исто така не се запрел само на десетте заповеди. Народот покажал колку лесно паѓа во заблуда, и затоа ниту една врата на искушение не смеела да остане без стража. На Мојсеја му било наредено да ги напише законите и правата онака како што му заповедал Бог за точно да се знае што се бара. Овие објаснувања и упатства во врска со должностите на народот кон Бога, за меѓусебните обврски и односи кон дојденците, всушност биле само поцелосно објаснување на основните начела содржани во десетте заповеди. Тоа било потребно за никој да не биде доведен во заблуда. Тие објаснувања се дадени со цел да ја сочуваат светоста и неповредливоста на оние десет заповеди напишани на камени плочи.

Кога човекот би го држел Божјиот закон онака како што му бил даден на Адама по неговиот пад, како што го примил Ное и го презел Аврам, обрезанието воопшто не би било потребно. А кога Аврамовите потомци би го држеле оној завет, чијшто знак било обрезанието, никогаш не би биле заведени со идолопоклонство и не би морале да страдаат како робови во Египет. Божјиот закон би бил напишан во нивните мисли и не би било потребно тој да се објавува на Синај ниту да се пишува на камени плочи. Кога луѓето би ги држеле начелата содржани во десетте заповеди, не би биле потребни дополнителните упатства дадени преку Мојсеја.

И жртвениот систем, предаден на Адама, бил изопачен од неговите потомци. Суеверието, идолопоклонството, свирепоста и развратноста ја искривоколчиле едноставната и значајна служба што ја пропишал Бог. Со текот на долгиот заеднички живот и со мешањето со многубошците, израелскиот народ многу нивни обичаи внел во своето богослужение. Затоа Господ на Синај им дал одредени упатства во врска со жртвената служба. Кога Светилиштето било завршено, Бог со Мојсеја разговарал од облакот
365 над престолот на милоста и му давал одредени упатства во врска со принесувањето на жртвите и церемониите што требало да се извршуваат за време на богослужението. Така на Мојсеја му бил

даден церемонијален закон кој го запишал во книга. Но десетте заповеди, објавени на Синај, ги напишал лично Бог на камени плочи кои неповредливо се чувани во ковчегот на заветот.

Има многу луѓе кои се обидуваат да ги мешаат тие два система. Тие наведуваат стихови што зборуваат за церемонијалниот закон за да докажат дека моралниот закон е укинат. Но тоа е погрешно толкување на Светото писмо. Разликата меѓу овие два система е голема и јасна. Церемонијалниот систем се состоел од симболи кои укажувале на Христа, на неговата жртва и на неговата служба како свештеник. Тој ритуален закон со своите жртви и прописи, Евреите требало да го применуваат сè додека симболите не се исполниле во смртта на Исуса Христа - Божјето јагне - кое „ги зема на себе гревовите на светот“. Тоа е оној закон што Христос го зел „од средината и го приковал на крст“ (Колошаните 2,14).

Но, во врска со законот од десет заповеди псалмистот кажува: „Твојата реч, Господе, засекогаш е утврдена на небото“ (Псалм 119,89). А Христос додава: „Немојте да мислите дека јас сум дошол да го поништам законот или пророците... зашто вистина ви велам: дури постојат небото и земјата, ниту една јота или црта од законот нема да се измени додека не се исполни сè“ (Матеј 5,17.18). Тој овде толкува не само што значеле прописите на Божјиот закон во минатото и во негово време, туку и дека тие ќе важат сè додека постојат небото и земјата. Божјиот закон е исто така непроменлив како и неговиот престол. Неговите прописи се задолжителни за човечкиот род во сите времиња.

Во врска со законот, објавен на Синај, Немија кажува: „Ти слезе на горато Синај и говореше со нив од небото, и им даде праведен суд, вистински закони, наредби и добри заповеди“ (Немија 9,13). А Павле, „апостол на незнабошците“, додава: „Така, значи, законот е свет, и заповедта света, справедлива и добра“ (Римјаните 7,12). Тоа може да биде само законот од десет заповеди, зашто тоа е законот во кој се кажува: „Не пожелувај“ (Римјаните 7,7).

Иако Христовата смрт му ставила крај на законот на претсликите и сенките, таа ниту во најмала мера не ги намалила обврските предвидени со моралниот закон. Напротив, токму тој факт што Христос морал да умре поради човековиот престап на овој закон, докажува дека тој закон е непроменлив.

Оние што тврдат дека Христос дошол да го укине Божјиот закон
и да го отстрани Стариот завет, за периодот на еврејството збору- 366
ваат како за време на темнина и еврејската вера ја прикажуваат
така како таа да се состоела само од церемонии и формалности.
Секако, тоа е заблуда. Секаде на страниците на светата историја,
во која се зборува за Божјето постапување со неговиот избран

народ, се наоѓаат свети траги на Големиот „Јас сум“. Никогаш на човечките синови не им било дадено поголемо и поочигледно откровение за неговата моќ и слава отколку тогаш кога Тој бил признат како единствен Господар над Израеал и кога на својот народ му го дал законот. Тука бил жезолот што не го носела човечка рака, а величествениот настап на невидливиот израелски Цар бил несфатливо величествен и влевал најдлабока страхопочит.

Во сите тие откровенија на божественото присуство се покажувала Божјата слава преку Исуса Христа. „Бог беше во Христа и светот го помири со себе“ (2. Коринќаните 5,19). Христос бил темел и центар на целокупниот жртвен систем како во времето на патријарсите така и во еврејскиот период. Од падот на нашите први родители во грев, Бог не комуницирал веќе непосредно со луѓето. Отецот светот го предал во Христови раце со цел Тој со своето посредување да ги искупи луѓето и да го оправда авторитетот и светоста на Божјиот закон. Секоја комуникација меѓу небото и паднатиот човечки род се одвивала само преку Христа. Божјиот Син на нашите први родители им дал ветувања за откуп. Тој бил Оној кој во визија им се откривал на патријарсите. И сите тие: Адам, Ное, Аврам, Исак, Јаков и Мојсеј, суштински ја сфатиле смислата на евангелието. Тие спасението го очекувале само преку човековиот Заменик и Гарант. Светите луѓе од дамнина одржувале врска со Спасителот кој требало да дојде на земјата во човечка лика; а некои од нив и зборувале со Христа и со светите ангели лице в лице.

Христос бил не само водач на Евреите во пустината - ангел во кого било името на Јехова, и кој обвиен со облак одел пред народот - туку токму Тој бил Оној кој со својот глас му го објавил законот на Израел.

Среде величествената манифестација на божествената слава на Синајската гора, Христос, во присуство на својот народ, ги објавил десетте прописи на законот на Отецот. Токму Тој бил Оној кој на Мојсеја му го дал законот напишан на камени плочи.

И гласот, кој на пророците им ја објавувал божествената волја за неговиот народ, исто така бил Христовиот глас. Обраќајќи ѝ се
367 на христијанската црква, апостол Петар кажува: „Ова спасение го истражуваа и го испитуваа пророците кои ви преткажаа одредена милост. Додека испитуваа во кое и во какво време упатуваше Христовиот Дух, кој беше во нив“ (1. Петрово 1,10.11). Во целиот Стар завет ни зборува Христовиот глас. „Пророчкиот дух, заправо, е сведоштвото Исусово“ (Откровение 19,10).

Во своите поуки, додека лично бил меѓу луѓето, мислите на своите слушатели Исус секогаш ги насочувал кон Стариот завет.

Тој им зборувал на Евреите: „Вие ги истражувате Писмата во кои мислите дека има живот вечен. И токму тие сведочат за мене“ (Јован 5,39). Во тоа време Писмата на Стариот завет ја сочинувале целата Библија. Божјиот Син го кажал и ова: „Тие ги имаат Мојсеја и пророците; нив нека ги слушаат.“ А потоа додава : „Штом не ги слушаат Мојсеја и пророците, тогаш и да воскресне некој од мртвите, тие нема да му веруваат“ (Лука 16,29.31).

Христос го пропишал и церемонијалниот закон. Дури и кога не бил веќе задолжителен, Павле им го изложил на Евреите во вистинска светлина и вредност, укажувајќи на неговото место во планот на спасението и на неговата врска со Христовото дело. Големиот апостол кажува дека тој закон е славен и достоен за својот божествен Законодавец. Свечената служба во Светилиштето симболично ги претставувала големите вистини што требало да им се откријат на идните поколенија. Мирисот на темјанот што се издигнувал заедно со молитвите на Израелците ја претставува правдата на Оној кој единствено е во состојба молитвата на грешникот да му ја препорача на Бога. Жртвата што крвавела на жртвениот олтар сведочела за Искупителот кој требало да дојде; а од светињата над светињите блескотел видлив знак на Божјето присуство. Така низ вековите на мракот и отпадот е одржувана жива вера во срцата на луѓето сè додека не настапило времето да дојде ветениот Месија.

Исус бил светлина на својот народ - светлина на светот - и пред да дојде на земјата во човечка лика. Првиот зрачок на светлина што ја пробил темнината во која гревот го обвил овој свет, дошол од Христа. Од него дошол и секој зрак на небесниот сјај што паднал врз земните жители. Во планот на откупувањето Христос е алфа и омега - прв и последен.

Откако Спасителот ја пролеал својата крв за избавување од гревот и се вознел на небото „да се покаже пред Божјето лице за нас“ (Евреите 9,24), светлината зрачи од крстот на Голгота и 368
од небесното Светилиште. Но фактот што ни е подарена толку јасна светлина не смее да нè наведе да ја потцениме онаа што е примена во симболите на поранешните времиња и која укажувала на доаѓањето на Спасителот. Христовото евангелие фрла светлина врз еврејското уредување и му дава значење на церемонијалниот закон. Откривајќи нови вистини и осветлувајќи ги оние што биле познати уште од почеток, евангелието го прави уште појасен Божјиот карактер и неговите намери при постапувањето со неговиот одбран народ. Секој дополнителен зрак на светлина што го примаме, ни е даден со цел уште појасно да го сфатиме планот на откупувањето, кој не е ништо друго освен спроведување на Бож-

јата волја при спасувањето на човекот. Така гледаме нова убавина и нова сила во инспирираната Божја реч и нејзините страници ги проучуваме со подлабок и пожив интерес.

Мнозина мислат дека Бог поставил некаков ѕид на поделба меѓу Евреите и другите народи; дека неговата љубов и неговата грижа им се скусени на другите народи и наменети исклучиво на Израел. Но Бог не сакал неговиот народ да поставува ѕид меѓу себе и своите ближни. Срцето на бесконечната Љубов им е наклонето на сите жители на земјата. Иако го отфрлиле, Тој постојано се труди да им се открие и да ги стори соучесници во својата љубов и милост. Своите благослови Тој му ги дал на својот одбран народ за да им бидат пренесени и на другите.

Бог го повикал Аврама и му укажал чест така што го благословил; а верноста на патријархот била светлина за жителите на сите земји во кои се задржувал. Аврам не се изделувал од луѓето меѓу кои живеел. Тој одржувал пријателски врски со царевите на соседните народи од кои некои високо го ценеле и го почитувале; а неговата чесност и несебичност, храброст и добронамерност, го претставувале Божјиот карактер. Во Месопотамија, во Ханан, во Египет, па дури и на жителите на Содом, небесниот Бог им се открил преку овој свој претставник.

Така на Египќаните, и на сите други народи што биле поврзани со тоа силно царство, Бог им се открил преку Јосифа. Зошто Господ решил Јосифа да го издигне на толку висока положба меѓу Египќаните? Тој можел и на друг начин да ги исполни своите намери со децата на Јакова. Но Бог сакал Јосиф со својот живот
369 да биде еден факел на светлината и го довел на царскиот двор со цел зраците на небесната светлина да можат да се шират близу и далеку. Благодарение на својата мудрост и правичност, на својата чистота и добронамерност во секојдневниот живот, на својата пожртвуваност и интерес за луѓето - и тоа за припадниците на идолопоклоничката нација - Јосиф бил Христов претставник. Во својот добрchoчинител, на кого благодарност и признание му укажувал цел Египет, тој незнабожечки народ можел да ја види љубовта на својот Творец и Спасител. Така и преку Мојсеја Бог ја поставил светлината покрај самиот престол на најсилното царство на земјата за да можат сите што сакаат да го запознаат вистинскиот и жив Бог. А сета таа светлина им била дадена на Египќаните уште пред Бог да ја крене раката да ги казни.

При ослободувањето на Израелците од Египет, гласот за Божјата сила се прочул надалеку и нашироко. Воинствените жители на тврдината Ерихон се треселе. „Кога го чувме тоа“, кажува Рава, „срцето ни се стегна и никој не собра сили да ви се противстави,

зашто вашиот Господ Бог е Бог горе на небото и долу на земјата" (Исус Навин 2,11). Со векови по излегувањето на Израелците од Египет, филистејските свештеници ги потсетиле своите сонародници на маките на Египќаните и ги предупредувале да не му се противат на Израеловиот Бог.

Бог ги повикал Израелците, ги благословил и ги издигнал не затоа единствено тие да ги уживаат благодатите што произлегуваат од послушноста кон неговиот закон, туку преку нив да им се открие на сите жители на земјата. И, за да се постигне таа цел, Тој им наредил да не се мешаат со идолопоклоничките народи што ги опкружувале.

Идолопоклонството, и сите гревови што произлегуваат од него, му биле одвратни на Бога, па затоа на својот народ му наредил да не се мешаат со другите народи, да не го прават она „што го прават тие" и да не го забораваат Бога. Им забранил да склучуваат бракови со идолопоклониците за нивните срца да не се одвратат од него. И тогаш било потребно, токму како и денеска, Божјиот народ да остане чист и „неизвалкан од светот". Морале да бидат слободни од световниот дух кој е спротивен на вистината и правдата. Меѓутоа, Бог немал намера неговиот народ, праведен во своите очи и исклучив, да се изделува од светот за да не може да врши никакво влијание врз него.

Слично на својот Учител, Христовите следбеници во секое време треба да бидат видело на светот. Спасителот рекол: „Не може да се скрие град што се наоѓа на врв на планина. Ниту, пак, 370
светило се пали и клава под поклоп, туку на свеќник и им свети на сите в куќи" - односно на светот. А потоа продолжува: „Така треба да свети пред луѓето и вашата светлина за да ги видат вашите добри дела и да го прослават вашиот небесен Отец" (Матеј 5,14-16). А тоа е токму она што го правеле Енох, Ное, Аврам, Јосиф и Мојсеј - токму она што Израел како Божји народ, според неговата намера, требало да го прави.

Само нивното зло и неверно срце, срце со кое господарел сатаната, ги навело да ја скријат својата светлина, наместо да им светат на другите народи. Истиот дух на верска занесеност, закоравеност и нетрпеливост, ги навел да ги прифаќаат лошите обичаи на незнабошците или во својата надуена исклучивост потполно да се изделат, како Божјата љубов и наклоност да се единствено нивна привилегија.

Како во Библијата што се прикажуваат два закона, од кои едниот е непроменлив и вечен, а другиот привремен и поминлив, така има и два завета. Заветот на милоста првпат е склучен со човекот во Едем, по сторениот грев, кога е дадено божествено ветување

дека семето на жената ќе ѝ стапне на змијата на главата. Тој сојуз на сите луѓе им нудел проштавање и поддршка од Божјата милост со цел во иднина, со вера во Христа да можат да бидат послушни. Ветен им е вечен живот под услов да му останат верни на Божјиот закон. На тоа патријарсите ја засновале својата надеж во врска со спасението.

Истиот тој завет бил обновен со Аврама во ветувањето: „Во твоето семе ќе бидат благословени сите народи на земјата“
371 (1. Мојсеева 22,18). Тоа ветување укажувало на Христа. Аврам така и го сфатил (види Галатите 3,8.16), па од Христа и очекувал проштавање на гревот. Таа вера му е засметана во праведност. Заветот склучен со Аврама исто така ја поддржувал важноста на авторитетот на Божјиот закон. Господ му се јавил на Аврама велејќи: „Јас сум твој Бог, живеј според мојата волја и биди чесен“ (1. Мојсеева 17,1). Божјето сведоштво за неговиот верен слуга гласело: „Аврам го слушаше мојот глас и им се покоруваше на моите заповеди, на моите закони и на моите одредби“ (1. Мојсеева 26,5; 17,7). А нему Бог му рекол: „Ќе поставам свој завет меѓу мене и тебе и меѓу твоите потомци по тебе во нивните родови; ќе направам заветот да биде вечен, ќе ти бидам Бог тебе и на твоите потомци по тебе“ (1. Мојсеева 17,7).

Иако тој завет бил склучен со Адама и обновен со Аврама, сепак, тој не можел да биде потврден сѐ до Христовата смрт. Според Божјето ветување, заветот постоел откако било дадено првото навестување за откуп; бил прифатен со вера; сепак, откако е потврден од Христова страна, се вика нов завет. Божјиот закон бил основа на тој завет, кој всушност е само едно средство човекот пак да стапи во хармонија со Божјата волја на тој начин што е ставен во положба која му овозможува да биде послушен на Божјиот закон.

Друг договор - во Библијата наречена „стар“ завет - е склучен на Синај меѓу Бога и израелскиот народ и потоа потврден со крв на жртви. Заветот со Аврама е потврден со Христовата крв и се вика „нов завет“, зашто крвта со која е потврден е пролеана по крвта на првиот завет. Дека новиот завет бил во сила во времето на Аврама, очигледно произлегува од фактот што токму тогаш тој бил потврден не само со ветување, туку и со Божја заклетва - „преку две неименливи работи, во кои не е можно Бог да излаже“ (Евреите 6,18).

Но зошто на Синај е склучен друг завет кога во заветот со Авеама било содржано ветување за откуп? Израелскиот народ за време на своето робување во голема мера го загубил поимот за Бога и за начелата на аврамовскиот завет. Кога ги ослободил од

Египет, Бог настојувал да им ја открие својата моќ и милост за да ги одоброволи да го љубат и да имаат доверба во него. Ги довел до бреговите на Црвеното Море - каде што не било можно да побегнат од Египќаните кои им биле зад петиците - за да сфатат колку се беспомошни и колку им е неопходна божествената помош. А тогаш се погрижил да ги ослободи од Египќаните кои ги гонеле. Така биле исполнети со љубов и благодарност кон Бога и се здобиле со доверба во неговата моќ која им помагала. Тој ги врзал за себе како Ослободител од поминливото (египетско) ропство.

Меѓутоа, во нивните мисли требало да се втисне уште една голема вистина. Бидејќи живееле среде идолопоклонство и расипаност, тие немале вистинска претстава за Божјата светост, за тежината на грешноста на сопственото срце, за целосната неспособност само со своја сила да му се потчинуваат на Божјиот закон. А и не чувствувале колку им бил потребен Спасителот. На сето тоа требало да се научат.

Бог ги довел под Синајската гора и им ја открил својата слава. Тука им го дал својот закон и, под услов да бидат послушни, им ветил големи благослови: „Па сега, ако го слушате мојот глас, и го пазите мојот завет... ќе ми бидете царство на свештеници и народ свет“ (2. Мојсеева 19,5.6). Меѓутоа, тие не ја увидувале грешноста 372
на своето сопствено срце и фактот дека без Христа не е можно да се држи Божјиот закон. Затоа биле готови веднаш и без премислување да склучат сојуз (завет) со Бога. Уверени дека можат сами „да ја утврдат својата правда“, изјавиле: „Сè што рекол Господ, ќе правиме и ќе бидеме послушни“ (2. Мојсеева 24,7).

Тие присуствувале при објавувањето на законот во величественост што бара најдлабока страхопочит и стоеле под гората тресејќи се од страв, а сепак, само по неколку седмици го раскинале својот завет со Бога и се клањале пред делкан кип. Не можеле веќе да се надеваат на Божја милост врз основа на заветот што го раскинале. И сега, откако ја увиделе својата грешност и потреба од проштавање, биле доведени во состојба лично да почувствуваат колку им е потребен и Спасителот кој бил откриен во заветот на Аврама и навестуван со принесувањето на жртвите. И сега со вера и со љубов се врзале за Бога како свој Ослободител од робувањето на гревот. Дури сега биле подготвени да ги ценат благословите на неговиот завет.

Услови на стариот завет биле: „Слушај и ќе бидеш жив!“ „Им ги дадов моите заповеди и им ги објавив моите наредби, преку кои човекот, откако ќе ги изврши, ќе биде жив“ (Езекил 20,11; 3. Мојсеева 18,5). „Проклет да е секој кој не ќе ги исполни сите наредби од овој закон и не ќе постапи според нив“ (5. Мојсеева

27,26). „Новиот завет“ е заснован на „подобри ветувања“ - на ветување за проштавање на гревот и за божествена милост која е во состојба да го преroди срцето и да го доведе во хармонија со начелата на Божјиот закон. „Но еве го заветот што ќе го склучам со домот Израелов по оние дни, вели Господ: Ќе го ставам мојот закон во нивната душа и ќе го напишам во нивното срце... ќе им ги простам беззаконијата и за нивните гревови нема веќе да се сеќавам“ (Еремија 31,33.34).

Истиот закон, кој бил напишан на камени плочи, Светиот Дух го врежал на плочите на срцето. Наместо нашето јалово настојување да „утврдиме“ некоја своја праведност, ние треба да ја прифатиме Христовата праведност. Неговата крв е средство за измирување за нашите гревови. Неговата послушност ни се припишува нам. Тогаш срцето, преродено со Светиот Дух, донесува „духовен плод“. Благодарение на Христовата милост, ќе успееме да живееме со послушност кон Божјиот закон напишан во нашето срце. А ако го имаме во себе Христовиот Дух, ќе живееме онака како што живеел Тој. Христос преку пророкот најавил за себе: „Сакам да ја извршувам волјата твоја, Боже мој, и твојот закон е длабоко во моето срце“ (Псалм 40,8). А кога бил меѓу луѓето, рекол: „Отецот не ме остави сам, оти секогаш го правам она што му е нему угодно“ (Јован 8,29).

373 Апостол Павле јасно покажува во каков однос во Новиот завет се законот и верата. Тој кажува: „И така, бидејќи оправдани со верата, имаме мир со Бога преку нашиот Господ Исус Христос.“ „Го укинуваме ли со верата законот? Во никој случај! Напротив, со тоа законот го утврдуваме.“ „Навистина, она што му беше неможно на законот, зашто беше немоќен поради телото“ - не можел да го оправда човекот затоа што човекот во својата грешна природа не можел да го држи законот - „го оствари Бог: поради гревот, го прати својот Син во вид на грешно тело и го осуди гревот во телото за во нас, кои не живееме според телото, туку според Духот, да се исполни праведното барање на законот“ (Римјаните 5,1; 3,31; 8,3.4).

Божјето дело било исто во сите времиња, иако бил различен степенот на неговиот развој и различно се покажувала неговата сила, сообразно со потребите на луѓето во сите векови. Почнувајќи од првото евангелско ветување, во текот на целиот патријархален и еврејски период, па сè до нашите денови, се забележува постепен развој на Божјите намери во планот на откупувањето. Спасителот, кој симболично е најавен во обредите и церемониите на еврејскиот закон, е токму Оној кој е откриен во евангелието. Растурени се облаците што го обвивале неговиот божествен лик, исчезнала маглата и сенката, а Спасителот на светот, Исус, стои

пред нас откриен. Тој, кој од Синај ги објавил десетте Божји заповеди и му ги предал на Мојсеја прописите на церемонијалниот закон, токму Тој ја одржал и евангелската беседа на гората. Големите начела на љубовта кон Бога, што ги истакнал како темел на законот и на пророците, се само повторување на она што веќе му било кажано на еврејскиот народ преку Мојсеја. „Чуј, Израеле! Нашиот Господ Бог е единствен Господ. Сакај го твојот Господ Бог со сето свое срце, со сета своја душа и со сите свои сили“ (5. Мојсеева 6,4.5). „Сакај го својот ближен како самиот себеси“ (3. Мојсеева 19,18). Во двата завета учителот е ист. Божјите барања се исти. Начелата на неговото владеење не се менуваат. Зашто сè доаѓа од Оној „во кого нема промена ниту сенка од измена“ (Јаков 1,17).

33

# ОД СИНАЈ ДО КАДЕС

*Оваа глава е заснована на 4. Мојсеева 11 и 12 глава*

Израелците Светилиштето почнале да го градат извесно време откако пристигнале на Синај, а светата градба била подигната дури во почетокот на втората година по излегувањето од Египет. Потоа уследило посветување на свештениците, прослава на празникот Пасха, пребројување на народот и усовршување на различни мерки на претпазливост неопходни и суштински за нивното граѓанско и верско уредување, така што останале улогорени на Синај речиси цела една година. Тука и богослужението добило извесни одредени облици. Биле дадени закони за управување со нацијата и создадена е силна организација за влегување во хананската земја.

Управата на Израелците се одликувала со најтемелна организација, чудесна како по својата сеопфатност, така и по својата едноставност. Восхитувачкиот ред, кој толку очигледно се забележува во совршената структура на сите Божји создадени дела, се покажувал и во националното устројство на Израел. Бог бил центар на авторитетот и власта - суверен Владетел на Израел. Мојсеј бил видлив водач, од Бога одреден да дели правда и да ги применува законите во негово име. Од племенските старешини подоцна е избран совет од седумдесетмина кој требало да му помага на Мојсеја при решавањето на помалечките спорови меѓу поединците и во општата грижа за народот. Потоа доаѓале свештениците кои во светињата го прашувале Господа за совет. Над одделни племиња владееле поглавари или кнезови, а под нив биле поставени „старешини - илјадници, стотници, педесетници и десетари“ (5. Мојсеева 1,15); и најпосле служители кои можеле да се употребат за различни должности.

Еврејскиот логор имал свој точно одреден поредок. Бил поделен на три големи дела, од кои секој имал свое определено место. Во средината било Светилиштето или престојувалиштето на невид-

ливиот Цар. Околу неа биле шаторите на свештениците и Левитите, 375
а околу нив биле улогорени сите други племиња.

На Левитите им било доверено, и во текот на патувањето и во текот на задржувањето на определено место, да се грижат за Светилиштето и за сè што било поврзано со него. Кога би поаѓале на пат, Левитите морале да го расклопат Светилиштето, а кога попатно би застанувале, би морале пак да го состават. Под закана на смртна казна, никому од другите племиња не му било дозволено да му се приближи. Левитите, како потомци на трите сина на Левие, биле поделени во три групи и на секоја ѝ била определена посебна положба и задача. Во близина пред Светилиштето биле поставени шаторите на Мојсеја и Арона. Јужно од Светилиштето се наоѓале синовите на Кат, чијашто должност била да се грижат за ковчегот на заветот и за другата опрема. На северната страна биле синовите на Мерарие, на кои „им беше доверено да ги пазат штиците на Светилиштето и нивните јажиња, столбовите, нејзините подножја, нејзиниот прибор и сите работи со целото нивно устројство“ (4. Мојсеева 3,36). Зад Светилиштето биле синовите на Гирсон, кои „го пазеа шаторот и неговата покривка и завесата над влезот во шаторот за состанок“ (4. Мојсеева 3,25). За секое племе било точно определено место. Секое племе, и при патувањето и при кампувањето, морало да биде под своето знаме, како што одредил Господ. „Синовите Израелови треба да се распоредат секој според својот чин, според знамето на својот дом, околу шаторот за состанок.“ „Како што се разместени, така и да одат, секој на своето место, под своето знаме“ (4. Мојсеева 2,2.17). Светината, која при излегувањето од Египет се измешала со Израелците и се упатила со нив, не смеела да кампува меѓу Израеловите племиња, туку морала да биде надвор од границите на логорот, а нивните потомци до трето колено морале да бидат исклучени од заедницата (5. Мојсеева 23,7.8).

Во целиот логор и во неговата околина се барала најсовесна чистота и најстрог ред. Во сила биле детални санитарни прописи кои се однесувале на чувањето и на одржувањето на здравјето. Оној што од каква било причина бил нечист, не смеел да остане во логорот. Овие мерки биле неизоставно нужни за чување и одржување на здравјето во толку големата човечка заедница; а биле исто така потребни и за одржување на целосен ред и чистота за Израел да може да се радува во присуството на светиот Бог. „Твојот Господ Бог оди среде твојот логор за да те избави и да ги предаде твоите непријатели во твои раце; затоа твојот логор нека биде свет“ (5. Мојсеева 23,14).

Заедно со Израелците одел „и ковчегот на Господовиот завет пред нив... за да им одбере место каде да се сместат“ (4. Мојсеева
376 10,33). Носен на раце од синовите на Кат, светиот ковчег, во кој бил сместен Божјиот закон, секогаш бил нивна претходница. Пред нив оделе Мојсеј и Арон, а во нивна близина свештениците со сребрени труби. На тие свештеници Мојсеј им давал наредби, а тие со звуци на трубите им ги пренесувале на народот. Според договорените трубни знаци, должност на старешините на секоја група била точно да го известуваат народот за правецот во кој треба да тргнат. Секој што би занемарил да му се потчини на даденото упатство, би бил казнет со смрт.

Бог е Бог на ред. Сѐ што е поврзано со небото е во совршен ред; потчинување и совршена дисциплина ги одбележуваат и движењата на ангелските чети. Успех може да се очекува само таму каде што постои ред и хармонична акција. Од сите што работат во неговото дело, Бог и денеска бара ред и доследност, ниту малку помалечки отколку што барал во времето на Израел. Сите што работат за него мора да постапуваат промислено, а не безгрижно, препуштајќи го резултатот на некаков случај. Тој сака секоја задача во неговото дело да се извршува верно и совесно за да може на тоа да стави печат на свое одобрување.

Израелците на сите нивни патувања ги водел Бог. Местото каде што требало да се улогорат било одбележано со спуштање на столбот од облак; и тука требало да останат сѐ додека облакот се задржувал над шаторот за состанок. Кога требало патот да продолжи, облакот се дигал над Светилиштето. Секојпат секое поаѓање и запирање на народот било одбележувано со свечено призивање на Господа. „Кога ковчегот поаѓаше на пат, Мојсеј велеше: ’Стани, Господе, за да се растурат твоите непријатели, и да избегаат од твоето лице оние што те мразат.’ А кога ковчегот се запираше, тој велеше: ’Врати се, Господе! За Израел ти си како безброј илјадници’“ (4. Мојсеева 10,35.36).

Меѓу Синај и Кадес, на хананската граница, имало сѐ на сѐ единаесет дена патување; и конечно, кога облакот им дал знак да продолжат, израелските чети пошле на пат, очекувајќи наскоро да влезат во добра земја. Господ сторил толку чуда за да ги избави од Египет и сега, откако свечено се обврзале дека ќе го прифатат како свој Господар, и откако Севишниот ги признал за свој „избран народ“, зар можело да има благослов што тие не би можеле да го очекуваат?

Сепак, мнозина се противеле кога требало да тргнат од местото каде што толку долго биле улогорени. Не требало многу па тоа место да го сметаат како своја татковина. Под заштита на тие гра-

нитни карпи, Бог го собрал својот народ со цел, одвоен од другите народи, да му го повтори својот свет закон. Тие радо го кревале својот поглед кон светата гора на чиишто древни врвови и голи гребени толку често се откривала Божјата слава. Глетката била толку тесно поврзана со присуството на Бога и светите ангели, што тоа место им изгледало премногу свето да го напуштат без размислување и радост.

Сепак, на знак на трубачот, се дигнал целиот логор, со Светилиштето во средината и со секое племе на одредено место и под свое знаме. Сите загрижено очекувале да видат во кој правец облакот ќе тргне. Кога облакот се упатил кон исток, каде што се гледало 377
само безредие на карпести масиви на планини, црни и пусти, во срцата на мнозина се појавило чувство на тага и сомневање. Колку подалеку оделе, патот бил сè потежок. Оделе пеш низ каменливи котлини и голи пустини. Насекаде ги опкружувала голема дивина - оделе низ „земја пуста и ненаселена, по земја сува, по земја на смртна сенка по која никој не одел и во која никој не живеел" (Еремија 2,6). Клисурите што се провлекувале меѓу карпите биле полни со мажи, жени и деца, со натоварени коли и со долги редици стада добиток. Поради сето тоа, бавно и тешко напредувале, а по долгото логорување, не биле ниту подготвени да ги поднесуваат опасностите и тешкотиите на патувањето.

По три дена патување почнале јавно да се жалат. Прва во тоа била светината, оние што им се придружиле на Израелците при излегувањето од Египет, но никогаш целосно не се соединиле со нив и постојано барале повод за забелешки. Бунтовниците не биле задоволни со правецот на движењето и постојано му забележувале на Мојсеја, тврдејќи дека ги води по погрешен пат, иако знаеле дека и тој, како и самите тие, го следи облакот. Незадоволството, како заразна болест, бргу ги опфатила сите во логорот.

Пак почнале да викаат, барајќи месо. Иако биле богато снабдени со мана, сепак, не биле задоволни. За време на робувањето во Египет, Израелците биле присилени да се одржуваат со најпроста и наједноставна храна, но силниот апетит, предизвикан со скудноста и со тешките работи, сторил таа храна да им биде пријатна и истата дури сега им се чинела мошне вкусна. Покрај тоа, меѓу 378
нив имало и доста Египќани кои навикнале на раскошна храна и тие биле први кои почнале да се жалат. Непосредно пред да пристигнат на Синај, Господ, покрај маната, на нивно инсистирање им дал и месо, но само за еден ден.

Бог можел да ги снабдува и со месо исто толку лесно како и со маната, но тоа им било скусено заради нивно добро. Тој имал намера да им даде храна која подобро одговарала на нивните потреби

отколку трескавично надразливата храна на која навикнале во Египет. Изопачениот апетит морал да се доведе во здрава состојба за да им биде пријатна првобитната човекова исхрана - земните плодови што им ги дал Бог на Адама и Ева уште во Едем. Од таа причина Израелците во голема мера морале да се откажат од храната од животинско потекло.

Сатаната ги ставал во искушение таквото ограничување да го сметаат за неоправдано и свирепо. Тој ги поттикнувал да го сакаат она што било забрането, зашто знаел дека незауздано попуштање на апетитот води кон оддавање на сетилни задоволства и дека со тоа полесно ќе го подјарми народот под своја власт. Зачетникот на болестите и бедата ги фаќал луѓето таму каде што се најслаби и каде што имал најголем успех. Со искушението, сосредоточено кон попуштање на апетитот, тој со голем успех ги заведувал луѓето уште од оној ден кога Ева ја наговорил да вкуси од забранетиот плод. Со истото средство се служел кога ги поттикнувал Израелците да мрморат против Бога. Неумереноста во јадењето и пиењето луѓето ги наведува да се оддадат на ниски страсти и да го трасираат патот кон занемарување на сите морални обврски. И кога ќе ги снајде искушение, тие немаат веќе сила да му се противстават.

Бог Израелците ги извел од Египет со цел во хананската земја од него да создаде чист, свет и среќен народ. За да ја постигне таа цел, Тој ги подложил на одредена дисциплина потребна за нивно сопствено добро и за добро на нивните потомци. Кога би го прифатиле неговото мудро ограничување и би го совладале апетитот, меѓу нив не би имало болест ниту немоќ. Нивното потомство би било надарено и со телесна и со умна сила. Тие би имале јасна претстава за вистината и должноста, остроумно забележување, моќ за разликување и здраво расудување. Но нивната неподготвеност да ги прифатат ограничувањата и барањата што им ги поставил Бог, во голема мера ги спречила да го постигнат високиот стандард што им го наменил Тој и да ги добијат благословите што бил готов да им ги даде.

379 Псалмистот кажува: „Злонамерно го искушаваа Бога барајќи храна за својата лакома душа. Приговараа против Бога, велејќи: ’Може ли Бог во пустина трпеза да постави? Ете, во карпа удри и вода бликна, обилни потоци потекоа; но може ли Тој и леб да ни даде? Може ли за својот народ и месо да донесе?’ Штом го чу тоа, Господ се разгневи“ (Псалм 78,18-21). На своето патување од Црвеното Море до Синај, тие често се плачеле и се бунеле, но, имајќи сожалување кон нивното незнаење и слепило, Бог тогаш не ги казнувал за тие гревови. Меѓутоа, од тоа време Тој им се открил на Хорив. Тие примиле голема светлина зашто го виделе Божјето

величество, неговата моќ и милост; затоа нивното незадоволство и неверство сега претставувале голем грев. Освен тоа, тие се заветувале дека го прифаќаат Јехова за свој цар и дека ќе го почитуваат неговиот авторитет. Сега нивното мрморење претставувало бунт, па затоа морала да уследи брза и видлива казна со цел Израел да се спаси од анархија и од пропаст. И „Господ се разгневи и изби Господен оган меѓу нив и спали еден дел од логорот." Најодговорните за бунтот биле уништени со молња од облакот.

Народот во страв и ужас го преколнувал Мојсеја да се помоли на Бога за нив. Тој тоа го сторил и огнот се угасил. За спомен на тој настан, Мојсеј тоа место го нарекол Тавера - оган.

Меѓутоа, наскоро се појавило уште поголемо зло. Наместо преживеаните да се понизат и да се покаат, се чинело како оваа страшна казна уште повеќе да го разгорела нивниот бунт. На сите страни можело да се види како народот се собира пред влезовите на своите шатори, плаче и офка. „Светината меѓу нив беше мошне лакома за јадење; а заедно со нив и синовите Израелови почнаа да плачат и да велат: 'Кој ќе нè нахрани со месо? Си спомнуваме како во Египет јадовме во изобилие риби, краставици, дињи, кромид, праз и лук; а сега нашата душа се исуши; освен мана - ништо друго пред нашите очи!'" Така тие го покажале своето незадоволство со храната што лично Творецот ја предвидел за нив, иако постојано имале доказ дека таа потполно одговарала на нивните потреби; зашто, наспроти сите напори и тешкотии што морале да ги издржат, во нивните племиња немало болни ниту немошни.

Мојсеј бил совладан со болка. Се молел на Бога да не го уништи
израелскиот народ, иако во тој случај од неговото потомство би 380
настанал друг голем народ. Во својата голема љубов кон нив, се молел побргу неговото име да биде избришано од книгата на животот отколку народот да биде изложен на уништување. Тој сторил сè за нив, а тие сега така му возвраќаат. За сите свои неволји, па дури и за оние вообразени страдања, го товареле него; и со своето безбожничко мрморење, тешкото бреме на грижите и одговорноста под кое потклекнувал, го правеле двапати потешко. Во својата длабока болка тој дури паднал во искушение да не му верува на Бога. Молитвата му личела на обвинување. „Зошто го мачиш својот слуга и зошто не најдов милост пред твоите очи, та го стави врз мене целото бреме на овој народ... Каде да најдам јас месо да му дадам на сиот овој народ кој плаче околу мене: 'Дај ни месо да јадеме!' Јас не можам сам да го носам овој народ. Тоа е премногу тешко за мене."

Бог ја ислушал неговата молитва и му наредил да избере седумдесет старешини - луѓе кои не само најстари по години, туку

кои имале достоинство, животно искуство и здрав суд. „Доведи ги во шаторот за состанок и тука нека ги заземат своите места со тебе. Јас ќе слезам и таму ќе зборувам со тебе; ќе земам дел од духот што почива врз тебе и ќе го ставам на нив. Така со тебе ќе го носат товарот на народот, да не го носиш ти сам.“

Господ на Мојсеја му дозволил сам да ги избере најверните и најспособните луѓе со нив да ја подели одговорноста. Нивното влијание требало да му помогне во зауздувањето на разјарениот народ и во задушувањето на бунтот. Но сепак, нивниот избор на крај имал лоши последици. Кога Мојсеј би покажал цврста вера во Божјата сила и добрина, за што имал толку очигледни докази, тие (старешините) никогаш не би биле избрани. Но тој премногу го зголемил бремето на својата одговорност, така што речиси го загубил од вид фактот дека тој всушност е само орудие со кое Бог се служи. Тој ниту во најмала мера немал изговор да попушта пред духот на мрморењето кој бил вистинско проклетство за Израел. Кога целосно би се потпрел врз Бога, тој постојано и би го водел, давајќи му сила во секоја тешкотија што можела да се појави.

На Мојсеја му било наредено да го приготви народот за она што Бог имал намера да го стори со него. „Очистете се за утре и ќе јадете месо, зашто плачете пред Господа велејќи: ’Кој ќе нè нахрани
381 со месо? Добро ни беше во Египет.’ Затоа Господ ќе ви даде месо, и ќе јадете месо. Ќе јадете не ден, не два, не пет дена, не десет и не дваесет дена, туку ќе јадете цел месец, додека не ви излезе низ ноздрите и додека не ви се згади, затоа што го презревте Господа, кој е меѓу вас и плачете пред него велејќи: ’Што ни требаше да излеземе од Египет?’“

„Шестотини илјади пешаци има во тој народ, меѓу кои сум и јас“, извикнал Мојсеј, „а ти велиш: ’Јас ќе им дадам месо и ќе јадат цел месец!’ Зар треба да се заколат сите овци и волови, па да им биде доволно; или ќе се соберат сите морски риби, па да ги задоволат?“

Поради таа пројавена недоверба бил укорен: „Зар раката Господова е куса; сега ќе видиш дали ќе се исполнат моите зборови или не.“

Мојсеј му ги повторил на народот Господовите зборови и го прогласил именувањето на седумдесеттемина избрани старешини. Она што го поставил овој голем водач како задача пред тие одбрани луѓе може со право да им послужи на судиите и на законодавците во денешно време како пример за судската праведност. „Сослушајте ги своите браќа и судете праведно меѓу човекот и неговиот брат или придојденикот. При судењето немојте да бидете пристрасни; сослушајте го и малечкиот и големиот. Не плашете се од никого. Судот е Божји“ (5. Мојсеева 1,16.17).

Потоа Мојсеј ги повикал седумдесеттемина пред шаторот за состанок. „Господ слезе во облак и почна да зборува со него. Потоа зеде од духот кој беше на него и го стави на оние седумдесет старешини. Кога духот слезе врз нив, тие почнаа да пророкуваат, но тоа никогаш веќе не го сторија.“ Слично на учениците на денот Педесетница, тие биле „облечени во сила од височината“. Господ сакал на тој начин да ги приготви за нивното дело и да им укаже чест пред собирот за народот да има доверба во нив како луѓе избрани од Бога кои требало да ја делат власта со Мојсеја при управувањето со Израел.

Од друга страна, тоа бил уште еден доказ за благородноста и за несебичниот дух на големиот водач. Двајца од седумдесеттемина, чувствувајќи се во својата скромност недостојни за толку одговорна служба, не им се придружиле на своите браќа собрани пред шаторот за состанок, но Духот Господен ги обзел и нив таму каде што се нашле па и тие „почнале да пророкуваат во логорот“.
Дознавајќи за ова, Исус Навин сакал да ја спречи таа неправилност, 382
плашејќи се да не настане расцеп поради тоа. Ревнувајќи за честа на својот господар, тој рекол: „Мојсеј, господаре мој, забрани им“. Одговорот гласел: „Зар завидуваш заради мене? О кога сите во Божјиот народ би станале пророци! Кога Господ врз нив би го излеал својот Дух!“

Тогаш се подигнал силен ветер од морето носејќи големи јата потполошки кои „ги напласти околу логорот на еден ден пат од едната страна и на еден ден пат од другата страна околу логорот, речиси до два лакта од земјата“. Народот работел цел ден и сета ноќ и целиот друг ден за да ја собере храната што му била дадена на толку чудесен начин. Биле собрани огромни количества. „Оној што собра најмалку, собра десет гомора.“ Сè што не можело веднаш да се употреби го сушеле - „си ги наредија околу логорот да се сушат“ - така што резервите, како што и било ветено, можеле да траат цел месец.

Бог им го дал она што не им служело на добро затоа што толку упорно копнееле за тоа. Не биле задоволни со храната што се покажала толку благотворна за нивното здравје. Нивните бунтовни желби биле задоволени, но затоа морале да ги сносат последиците. Се насладувале без мерка и граници и поради таквата неумереност морала да уследи неодложна казна. „Господ пушти меѓу народот страшен помор.“ Мнозина се разболеле и изумреле од страшна треска, додека најголемите виновници биле поразени со помор штом ја вкусиле храната за која жеднееле.

Во Асирот, прво место на логорување по заминувањето од Тавера, Мојсеја го очекувало уште едно горко искушение. Марија и

Арон биле мошне ценети меѓу Израелците и заземале одговорни водечки положби. Обајцата имале пророчки дар и обајцата со божествено провидение биле здружени со Мојсеја при ослободувањето на Израел. „Ги пратив пред тебе Мојсеја, Арона и Марија“ (Михеј 6,4), кажува Господ преку пророкот Михеј. Силата на карактерот на Марија се покажала уште во нејзиното рано детство додека како дете на брегот на Нил внимавала на малечкото ковчеже во кое бил скриен Мојсеј како новороденче. Со нејзиното самосовладување и тактичност Бог се послужил за да го сочува животот на идниот ослободител на својот народ. Богато надарена со смисла за песна и музика, Марија ги предводела израелските жени во песната и играта на бреговите на Црвеното Море. Во љубовта и честа пред народот и пред Небото, само Мојсеј и Арон биле пред неа. Но истото она зло што предизвикало расцеп на небото, се појавило и во срцето на оваа жена Израелка, и таа не пропуштила да најде соучесник во своето незадоволство.

При именувањето на седумдесеттемина старешини, Арон и
383 Марија не биле прашани за совет и за мислење и тоа предизвикало кај нив љубомора против Мојсеја. При посетата на Јотора, додека Израелците оделе кон Синај, Мојсеј мошне радо го прифатил советот на својот тест, што во срцето на Арона и Марија предизвикало страв дека неговото влијание врз големиот водач е посилно, поголемо и попресудно од нивното. Тие сметале дека и при организирањето на советот на седумдесеттемина, нивната положба и авторитет биле занемарени. Марија и Арон никогаш не почувствувале колку голем товар на грижа и одговорност почивал врз Мојсеја; но бидејќи биле одбрани да му помагаат, мислеле дека и тие рамноправно со него учествуваат во одговорностите и го делат товарот на водството, па сметале дека поставувањето на новите помошници е излишно.

Мојсеј, како никој друг, го сфатил значењето и важноста на големото дело што му било доверено. Бил свесен за своите слабости и барал совет од Бога. Арон за себе мислел повеќе отколку што треба да се мисли и помалку се надевал во Бога. Колку е слаб кога во прашање била доверената одговорност, покажал со срамното приклонување кон идолопоклоничкото богослужение на Синај. Но, заслепени со љубомора и честољубие, Арон и Марија тоа го загубиле од вид. Бог на Арона му укажал голема чест и признание со тоа што го избрал неговото семејство за света и висока свештеничка служба. Меѓутоа, дури и тоа сега ги зголемувало неговите стремежи кон самоизвишување. „Зар само на Мојсеја му зборуваше Господ? Нели ни зборуваше и нам?“ Бидејќи сметале дека Бог

исто толку им бил наклонет и ним колку и на Мојсеја, мислеле дека имаат право и на иста положба и авторитет.

Попуштајќи му на духот на незадоволството, Марија пронашла причини да се жали против резултатот на настаните со кои управувал лично Бог. Нејзе не ѝ се допаѓал бракот на Мојсеја. Тоа што тој, наместо да се ожени со Еврејка, зел жена од друга националност, таа го сметала за повреда и на семејната и на националната гордост. Кон Сефора се однесувале со нескриен презир.

Жената на Мојсеја, иако била Мадијанка и нарекувана „Хуситка", сепак била потомок на Аврама. Од Еврејките по надворешност се разликувала само по тоа што имала малку потемна кожа. Иако не била Израелка, Сефора сепак му служела на вистинскиот Бог. Таа била кротка и повлечена душа, благородна, полна со љубов и мошне чувствителна за страдањата на другите. 384
Од таа причина Мојсеј, кога биле на пат кон Египет, и се согласил таа да се врати во Мадијан. Сакал да ја поштеди од болките на кои би била изложена доколку ги гледа казните што требало да ги снајдат Египќаните.

Кога Сефора во пустината повторно се сретнала со својот маж, видела дека товарот на грижите и одговорностите што ги презел на себе ги надминува неговите сили, па својот страв му го доверила на татка си кој предложил што треба да се стори за тоа да се олесни. Тоа била главната причина за нерасположението на Марија кон Сефора. Страдајќи во душата што таа и Арон наводно биле занемарени и сметајќи дека за тоа е виновна жената на Мојсеја, заклучила дека само влијанието на Сефора го спречило Мојсеја да се советува со нив, што порано редовно го правел. Кога Арон решително би истапил за правдата, би можел да го спречи тоа зло. Но, наместо на Марија да ѝ покаже колку е погрешно нејзиното однесување, тој ѝ одобрувал, ги слушал нејзините зајадливости и учествувал во нејзината љубомора.

Мојсеј трпливо ги премолчал сите нивни приговори и обвинувања. Искуството стекнато низ долгогодишните маки и чекање во Мадијан, понизноста и долгото трпение, го оспособиле Мојсеја полесно да го поднесе неверството и мрморењето на народот како и гордоста и зависта на оние што требало да бидат негови непоколебливи помошници. „А Мојсеј беше најкроткиот човек меѓу сите луѓе на земјата." Од таа причина му биле доделени и божествена мудрост и водство „повеќе отколку на сите" други луѓе. Светото писмо кажува: „Понизните во правда ги води, кротките на својот пат ги учи" (Псалм 25,9). Господ ги води кротките затоа што тие дозволуваат да бидат поучени и прифаќаат да бидат упатени. Тие искрено сакаат да ја дознаат Божјата волја и да ја творат.

Ветувањето на Спасителот гласи: „Оној што сака да ја извршува Божјата волја ќе разбере дали оваа наука е од Бога или јас сам од себе зборувам“ (Јован 7,17). А преку апостол Јаков тој објаснува: „Ако некому од вас му недостига мудрост, нека моли од Бога, кој на сите им дава изобилно и без укор - и ќе му се даде“ (Јаков 1,5). Но овие ветувања се однесуваат само на оние кои со сето срце се подготвени да го следат Господа. Бог не врши насилство над ничија волја или совест. Затоа Тој и не може да ги води оние кои се премногу горди за да бидат поучувани и кои упорно сметаат дека можат сами да одат по свој пат. За дволичниот човек - кој се стреми да ја исполни својата волја, а тврди дека ја твори Божјата волја - е кажано: „Таквиот човек нека не мисли дека ќе добие нешто од Бога“ (Јаков 1,7).

Мојсеја го избрал лично Бог, и врз него почивал Божји Дух, и затоа Марија и Арон со своите поплаки го изневериле не само
385 избраниот водач, туку и лично Бога. Бунтовничките критичари биле изведени пред шаторот за состанок и повикани да се соочат со Мојсеја. „Господ слезе во столб од облак и застана пред влезот на шаторот, па ги повика Арона и Марија, и тие двајцата дојдоа.“ Пророчкиот дар не им бил оспоруван; Бог можел да им се обраќа во виденија и во соништа. Но на Мојсеја, за кого сам Господ кажал: „Кој е верен во сиот мој дом“, му била дозволена поинтимна комуникација со Бога. Со него Господ зборувал „уста со уста“. „Како не се плашевте да зборувате против мојот слуга Мојсеј? И се разгори гнев кај Господа против нив и си замина.“ Во знак на Божје негодување се повлекол облакот над шаторот за состанок и Марија била казнета. Станала „лепрозна, бела како снег“. Арон бил поштеден, но казнувањето на Марија и за него бил остар прекор. Сега, откако нејзината гордост била урната во прав, Арон признал дека згрешиле и преколнувал за својата сестра да не биде оставена од Бога и препуштена да умре од таа грда и смртоносна болест. На молитва на Мојсеја, Господ ја отстранил лепрата, но Марија сепак седум дена била исклучена од логорот. Истиот миг, кога таа била протерана од логорот, знакот на Божјата милост повторно се спуштил над шаторот за состанок. Од почит кон нејзината висока положба и во болка поради несреќата што ја снашла, целиот народ останал во Асирот сè додека таа не била вратена во логорот.

Оваа пројава на Божјето негодување требало да му послужи како опомена на сиот народ, да го спречи ширењето на незадоволството и непослушноста. Кога зависта и незадоволството на Марија не би биле обелоденети и примерно казнети, би настанало големо зло. Зависта е една од најлошите сатански особини што може да најде место во човечкото срце и најзлокобна по своите последици.

Затоа и кажува мудрецот во своите изреки: „Јароста е сурова, лутината е жестока, ама зависта е неподнослива“ (Мудри изреки 27,4). Зависта прво на небото довела до несогласија и раздор, а меѓу луѓето предизвикала неопишани зла. „Каде што има завист и себичност, таму има неслога и сè е лошо“ (Јаков 3,16).

Озборувањето на другите или судењето за нивните побуди и
постапки во никој случај не треба да се земаат лекомислено. „Браќа,
не оцрнувајте се еден со друг! Оној што го оцрнува својот брат или
го осудува својот брат, го оцрнува законот и го осудува законот.
А ако го осудуваш законот, не си извршител на законот, туку не- 386
гов судија“ (Јаков 4,11). Само еден е Судија кој „ќе го обелодени
она што е скриено во темнина и ќе ги објави намерите на срцето“
(1. Коринќаните 4,5). И секој што презема на себе да ги суди и да
ги осудува своите ближни, незаконито си го присвојува правото
што му припаѓа само на Творецот.

Библијата јасно учи дека мораме да се пазиме да не изнесуваме лекомислено обвинувања против оние што ги повикал Бог да работат како негови пратеници. Опишувајќи ги разузданите и напуштени грешници, апостол Петар кажува: „Тие, палави и дрски, не се плашат со навредливи зборови да ја напаѓаат Славата; додека ангелите, иако од нив се поголеми и посилни, не изнесуваат навредливи осуди против нив пред Господа“ (2. Петрово 2.10.11). А Павле, во своето упатство наменето за оние што се поставени над црквата, кажува: „Обвинение против старешина не примај, освен пред двајца или тројца сведоци“ (1. Тимотеј 5,19). Оној што ставил тешка одговорност врз поединци, одговорност на учител и водач во својот народ, верниците ќе ги смета за одговорни за нивното однесување и за нивниот став кон неговите слуги. Оние што ги почитува Бог, треба да ги почитуваме и ние. Казната што ја снашла Марија треба да биде опомена за сите што негуваат љубомора и мрморат против оние врз кои Бог положил товар за своето дело.

34

# ДВАНАЕСЕТТЕ ИЗВИДНИЦИ

*Оваа глава е заснована на 4. Мојсеева 13 и 14 глава*

Единаесет дена по заминувањето од гор469ата Хорив, Евреите се улогориле кај Кадес, во пустината Фаран, недалеку од границата на ветената земја. Тука народот предложил да се пратат извидници за да ја испитаат земјата. Мојсеј предлогот го изнел пред Господа и добил дозвола со упатство за таа цел да биде избран по еден старешина од секое племе. Луѓето се одбрани како што било заповедано и Мојсеј им рекол да одат и да видат како изгледа таа земја, каква е нејзината положба и природните предимства, какви луѓе живеат во неа, дали се слаби или јаки, дали се многубројни или се малку; освен тоа, да ја испитаат природата на земјата и нејзината плодност и да донесат плодови од таа земја.

Извидниците отишле и ја прегледале целата земја, влегувајќи низ јужната граница и продолжувајќи кон северната. Се вратиле по четириесет дена. Израелскиот народ ги чекал со силно љубопитство, негувајќи големи надежи. Веста за враќањето на извидниците се пренела низ сите племиња и сите се израдувале. Сиот народ побрзал во пресрет на извидниците кои среќно ги избегнале опасностите на тој ризичен потфат. Извидниците донеле плодови кои сведочеле за плодноста на земјата. Било време на гроздобер, па зеле еден грозд кој бил толку голем што двајца го носеле на мотка преку рамо. Донеле и смокви и калинки, што успевале таму во изобилство.

Народот се радувал што ќе му биде доделена таа прекрасна земја и, додека Мојсеј го примал извештајот, внимателно слушале да не им побегне ниту еден збор. „Бевме во земјата во која нè прати - кажале извидниците - во земјата во која тече мед и млеко, и еве ги нејзините плодови.“ Народот бил одушевен и топло сакал да го послуша Господовиот глас. Веднаш да појдат и да ја заземат
388 земјата! Но, откако ја опишале плодноста и убавината на земјата, сите извидници, освен двајца, почнале да ги изнесуваат опаснос-

тите и тешкотиите што ги чекаат Израелците доколку тргнат во освојување на хананската земја. Ги набројале силните народи што живееле во одделни делови на земјата и кажале дека градовите се опашани со силни и големи ѕидови, а дека во нив живее мошне силен народ, па би било неможно да се совлада. Раскажувале како виделе џинови, синовите Енакови, и дека е бесмислено и да се помислува да се освои таа земја.

Тогаш целата сцена се изменила. Надежта и храброста се повлекле пред кукавичкиот очај додека извидниците ги изразувале чувствата на своите неверни срца, полни со обесхрабрување што го предизвикал сатаната. Нивното неверие фрлило мрачна сенка врз целиот народ и заборавена е моќната Божја сила која толку често се откривала за добро на неговиот одбран народ. Народот немал трпение ниту размислувал дека Оној, кој ги довел до тука, сигурно ќе ги одведе и во таа земја. Не си спомнувале како Бог со чудо ги ослободил од нивните угнетувачи, отворајќи пред нив пат низ морето и уништувајќи ја фараоновата војска што ги гонела. Го потиснувале Бога на страна како сè да зависело од силата на нивното оружје.

Во своето неверие помислувале дека и Божјата моќ има свои граници и не биле веќе сигурни во Оној кој до тогаш ги водел. Така повторно паднале во истата грешка и се побуниле против Мојсеја и Арона. Велеле: „Тоа е крај на сите наши надежи.“ „Значи, тоа е земјата заради која поминавме пат дури од Египет за да ја добиеме!“ Ги обвинувале своите водачи дека го измамиле народот и му донеле несреќа на Израел.

Народот, очаен и разочаран, бил неутешен. Незадоволниците почнале да се јадосуваат и да мрморат. Халев ја сфатил ситуацијата и, храбро истапувајќи во одбрана на Божјата реч, правел сè што можел да го утажи лошото влијание на своите неверни другари. Народот за миг замолчал за да ги ислуша неговите охрабрувачки зборови за добрата земја. Тој не го побивал она што било кажано. Ѕидовите навистина биле високи, а жителите на Ханан силни. Меѓутоа, Бог таа земја им ја ветил на Израелците. И Халев го смирил народот, велејќи: „Ајде да одиме и да јаземеме, зашто можеме да ги покориме.“

Но другите десетмина го прекинувале Халева и ги опишувале пречките во уште поцрна боја отколку порано: „Не можеме да одиме против тој народ, зашто е посилен од нас... и сите што ги 389
видовме во неа се многу големи. И таму видовме џинови, од родот Енаков; ние изгледавме пред нив како скакулци, такви бевме и во нивните очи.“

Бидејќи еднаш веќе тргнале по погрешен пат, тие луѓе тврдоглаво продолжиле да им се противат на Халева, на Исуса Навина, на Мојсеја и на Бога. Секоја натамошна постапка ги правела само уште порешителни. Биле решени да обесхрабрат секого и да осуетат секој напор вложен да се заземе Ханан. Ја искривоколчувале вистината за да го засилат своето кобно влијание. Велеле: „Земјата што ја изодивме за да ја разгледаме е земја која ги голта своите жители.“ Тој извештај бил не само негативен, туку и лажен, недоследен противречен. Извидниците известиле дека земјата е плодна и богата, дека луѓето биле џинови. Секако, сето тоа не би било можно кога климата би била толку неповолна за да може да се каже дека „ги голта своите жители“. Но, кога луѓето еднаш ќе паднат во неверство, тие се ставаат под сатанска власт и никој не може да предвиди до каде тој ќе ги одведе.

„Тогаш сиот народ почна да вика и плачеше целата таа ноќ.“ Набргу се појавило незадоволство и настанал отворен бунт. Сатаната имал целосна власт и се чинело дека народот го загубил разумот. Ги проколнувале Мојсеја и Арона, заборавајќи дека Бог ги слуша нивните лоши зборови и дека страшните изливи на нивниот бес ги гледа Ангелот обвиен во облак. Полни со горчина, викале: „О да бевме умреле во египетската земја, или да бевме изумреле во оваа пустина.“ А потоа станале и против Бога, велејќи: „Зошто Господ нè води во таа земја за да паднеме во борба. Нашите жени и нашите деца ќе станат плен. Не ли е подобро да се вратиме во Египет?“ Така го обвинувале не само Мојсеја, тука и Бога што ги прелагал ветувајќи им земја што не ќе можат да ја освојат. Во тоа оделе толку далеку што одбрале дури и старешина кој ќе ги врати во земјата на страдањето и робувањето од која ги избавила силната рака на Семожниот.

Со болка и понизност „Мојсеј и Арон паднаа ничкум пред целиот собир на Израеловите синови“, не знаејќи што би требало
390 да сторат за да ги одвратат од нивните пренаглени и неразумни намери. Халев и Исус Навин се труделе да го стивнат бунтот. Со болка и во очај ја искинале својата облека и стапиле меѓу народот. Нивниот силен глас јасно го надвивал болното јадосување и мрморење на бунтот: „Земјата што ја изодивме за да ја разгледаме е многу, многу добра. Ако Господ нè сака, ќе нè воведе во неа и ќе ни ја даде таа земја во којашто тече мед и млеко. Не отстапувајте од Господа и не плашете се од народот на таа земја, зашто Тој ќе ни биде потпора; тие немаат заштита; а со нас е Господ; не плашете се од нив.“

Хананците со своите грешни дела ја наполниле чашата на беззаконието и Бог не можел веќе да ги трпи. Бидејќи ги лишил од

својата заштита, лесно можеле да станат плен. Благодарение на Божјиот завет, Израелците морале да бидат сигурни дека земјата е нивна. Но тие ги прифатиле лажните извештаи на неверните извидници, па целиот народ бил измамен. Предавниците ја завршиле својата работа. Кога само двајца би донеле лоши извештаи а десетмина би ги храбреле да ја освојат земјата во Божје име, тие сепак, поради своето неверство, побргу би го прифатиле извештајот на тие двајца отколку на десеттемина. Меѓутоа, само двајца се зазеле за вистината, додека другите десетмина застанале на страна на бунтовниците.

Неверните извидници гласно ги проколнувале Халева и Исуса Навина, па дури се подигнал глас дека треба да се каменуваат. Збеснетата толпа грабнала камење да ги убијат овие верни луѓе. Како избезумени се устремиле со лудачки викот, но наеднаш, камењето им испаднале од рацете. Сите замолкнале, тресејќи се од страв. Бог се вмешал да ги спречи нивните убиствени намери. Неговото присуство како блесок на молња го осветлило шаторот за состанок. Сиот народ го видел Божјиот знак. Им се открил Некој кој е посилен од нив и никој не се осмелувал и понатаму да дава отпор. Другите извидници кои донеле лоши извештаи, преплашени, се повлекле во своите шатори.

Тогаш Мојсеј се дигнал и влегол во Светилиштето. Господ му рекол за народот: „Ќе го поразам со смрт, ќе го истребам и ќе создадам од тебе и од домот на твојот татко народ многуброен и посилен од овој.“ Но Мојсеј и во оваа пригода се зазел за својот народ. Не можел да дозволи тие да бидат уништени, а тој сам да стане татко на друг и посилен народ. Повикувајќи се на Божјата милост, преколнувал: „И така, нека се возвелича твојата сила, Господе, како што рече, велејќи: ’Господ е долготрпелив, многу милостив и вистинит, кој ги простува беззаконијата, неправдите и гревовите...’. Прости им го гревот на овие луѓе поради твојата 391
преголема милосрдност, како што си му простувал на овој народ од Египет до тука.“

Господ ветил дека ќе го поштеди Израел, дека нема веднаш да го уништи; но поради нивното неверство и страшливост, не можел да ја покаже својата сила и да им ги покори нивните непријатели. Затоа во својата милост им наложил да се упатат кон Црвеното Море како единствен сигурен пат.

Бунејќи се, народот викал: „О да бевме умреле во египетската земја, или да бевме изумреле во оваа пустина?“ Сега требало да се исполни таа нивна молба. Господ им рекол: „Како што ми говоревте вие во моите уши, така ќе ви направам и јас вам; во оваа пустина ќе паднат вашите тела, и сите вие, пребороени, колку што сте на

број, од дваесет години и нагоре, што роптате против мене, нема да влезете во земјата... Вашите деца, за кои велевте дека ќе станат плен, ќе ги воведам таму, и тие ќе ја познаат земјата која вие ја презревте.“ А за Халева рекол: „Но мојот слуга, Халев, поради тоа што во него имаше друг дух, и затоа што ми беше наполно верен - него ќе го воведам во земјата во која беше, и неговото потомство ќе ја наследи.“ И, како извидниците што поминале четириесет дена на својот пат, така израелските племиња морале да талкаат низ пустината четириесет години.

Кога Мојсеј го запознал народот со Божјата одлука, нивниот бес се претворил во тага. Знаеле дека заслужиле казна. Десеттемина неверни извидници веднаш се казнети со помор пред очите на цел Израел, а во нивната гибел народот ја читал својата пресуда.

Се чинело како навистина да се покајале за своето грешно однесување; меѓутоа, повеќе жалеле поради последиците на своите лоши постапки, а не затоа што биле свесни за својата неблагодарност и непослушност. Кога виделе дека Господ нема да попушти во својата одлука, повторно кај нив се јавило самоволие, па изјавиле дека нема да се вратат во пустината. Со тоа што им наредил да се повлечат и да се оддалечат од земјата на своите непријатели, Бог ја проверувал нивната привидна преданост и им покажал дека не биле исправни. Знаеле дека тешко се огрешиле паѓајќи во неразумен бес и желба да ги убијат извидниците кои ги повикувале на покорност кон Бога. Меѓутоа, тие биле само заплашени, увидувајќи дека сториле кобна грешка чиишто последици за нив ќе бидат мошне погубни. Срцата пак им останале неизменети и им бил потребен само некаков повод, па пак да сторат слично зло. А таа можност им се дала кога Мојсеј, во име на Божјиот авторитет, им наложил пак да се вратат во пустината.

392 Одлуката Израелците четириесет години да не влезат во Ханан претставувала горко разочарување и за Мојсеја и Арона, за Халева и Исуса Навина. Сепак, тие Божјата одлука ја прифатиле без мрморење. Но оние што се жалеле против Божјето постапување со нив и кои велеле дека ќе се вратат во Египет, многу плачеле и се јадосувале кога им биле скусени благословите што до тогаш ги презирале. Порано се жалеле за безначајни работи, а сега Бог им дал причина за плачење. Да плачеле заради својот грев, кој верно им бил предочен, не би била изречена ваква осуда. Меѓутоа, тие плачеле само поради казната. Нивната болка не одразувала каење, па и не можела да ја избегне пресудата.

Цела ноќ поминале во јадосување, а изутрината добиле нова надеж. Решиле да го искупат својот кукавичлук. Кога Бог им наредил да одат и да ја земат земјата, не послушале, а сега, кога им

наредил да се повлечат, пак се бунеле. Решиле да преминат во напад и со сила да ја освојат земјата; можеби Бог ќе ги прифати нивните напори, а потоа ќе ја измени и својата намера во врска со нив.

Бог им дал предимство и должност да влезат во земјата кога Тој ќе одреди, но таа дозвола била повлечена поради нивното самоволие и немарност. Сатаната ја постигнал својата цел спречувајќи ги да влезат во хананската земја; сега, во врска со Божјата наредба, ги поттикнувал да го сторат токму она што одбивале да го сторат тогаш кога Бог го барал тоа. Така големиот измамник успеал и по вторпат да ги победи наведувајќи ги на непослушност. Кога требало да се заземе хананската земја, не верувале дека ќе им се придружи Божјата сила, а сега имале намера без Божја помош, со сопствена сила, да ја постигнат целта. „Згрешивме пред Господа - рекле - ќе одиме и ќе се бориме како што ни беше заповедал нашиот Господ Бог“ (5. Мојсеева 1,41). Престапот страшно ги заслепил. „Ќе одиме и ќе се бориме“, викале; но Господ никогаш не им наложил да прават така. Негова намера не била тие таа земја да ја заземат со војна, туку со строга послушност кон неговите заповеди.

Иако срцата им останале неизменети, народот сепак бил наведен да ја признае својата грешка и лудоста на својот бунт кога се вратиле извидниците. Дури сега ја увидувале вредноста на благословите што премногу бргу ги отфрлиле. Признале дека од Ханан ги исклучило нивното сопствено неверство. „Му згрешивме на Господа!“ - Со тоа признале дека кривицата е кај нив, а не кај Бога на кого толку неправедно му префрлале дека не им го исполнил даденото ветување. Иако нивното признавање не произлегувало од вистинско покајание, тоа сепак придонело да се сфати оправданоста на Божјиот став во врска со нив.

Господ и денеска постапува на сличен начин за да го прослави своето име така што луѓето ќе ги наведе да ја признаат неговата правда. Оние што тврдат дека го љубат Бога, а се жалат на неговото провидение, ги презираат неговите ветувања. Тие им подлегнуваат на искушенијата и се соединуваат со лошите ангели за да ги попречуваат Божјите планови. Тогаш Господ така ги насочува настаните, за грешните луѓе, иако можеби не чувствуваат вистинско каење, да се почувствуваат присилени да го признаат својот грев и безбожноста на своите постапки, но и Божјата праведност и добрина во неговото постапување со нив. На тој начин Бог дејствува за да ги разоткрие делата на темнината. Дури и ако духот што ги 393
водел во лоши постапки не е коренито изменет, сепак настапува признавање што ќе ја сочува Божјата чест и ќе ги оправда оние кои совесно го осудуваат гревот, без оглед на тоа што ќе мораат да

поднесат и противење и клеветење. Така ќе биде и кога ќе настапи конечното излевање на Божјиот гнев, кога Господ ќе дојде „со илјадници свои свети ангели за да им суди на сите и да ги изобличи безбожниците за сите нивни нечесни дела“ (Јуда 14 и 15 стих). Секој грешник ќе биде наведен да ја увиди и да ја признае праведноста на осудата што му е изречена.

Не осврнувајќи се на Божјата заповед, Израелците се приготвувале Ханан да го освојат со војна. Опремени со оклопи и со воено оружје, сметале дека се наполно подготвени за борба, но во Божјите очи и во очите на неговите ожалостени слуги изгледале мошне бедно. Речиси четириесет години подоцна, кога Бог им наредил на Израелците да станат и да го освојат Ерихон, ветил дека Тој ќе оди со нив. Пред нивните чети е носен ковчегот со заповедите. Бог ги именувал водачите кои под негов надзор требало да управуваат со нивното движење. Под такво водство ништо не можело да им наштети. Но сега, наспроти Божјата наредба и сериозните забрани од нивните водачи, тие пошле во пресрет на непријателската војска без ковчегот на заветот и без Мојсеја.

Трубата затрубила за тревога и Мојсеј побрзал по нив да ги предупреди: „Зошто не ја исполнувате Господовата заповед? Нема
394 да успеете; не одите горе, оти Господ не е меѓу вас; ќе паднете од вашите непријатели, бидејќи таму пред вас се Амалиците и Хананците, и ќе паднете од нож, зашто не му се покоривте на Господа, и Господ нема да биде со вас.“

Хананците слушнале за таинствената сила која се чинело дека го штитела тој народ, како и за чудата што се случувале заради нив, па затоа собрале голема војска за да им се противстават на освојувачите. Напаѓачката војска немала водач. Дури и не се помолиле Бог да им даде победа. Пошле во битка со очајна одлука да ја изменат својата судбина или во борбата да загинат. Иако невешти за војување, тоа било големо мноштво вооружени луѓе, па се надевале дека со ненадеен и жесток напад ќе совладаат секој отпор. Дрско го предизвикувале непријателот кој не се осмелувал да ги нападне.

Хананците се распоределе на една карпеста висорамнина кон која тешко можело да се пристапи и тоа само по стрмни и опасни падини. Огромниот број Евреи можел да придонесе само кон тоа нивниот пораз да биде уште пострашен. Полека се искачувале по стрмните планински проодi, изложени на смртоносните истрели на непријателот кој се наоѓал над нив. Огромни карпи се тркалале надолу и зад себе оставале крвави траги на смачкани луѓе. Оние што стигнале до врвот, биле толку изморени, што веднаш биле одбиени со големи загуби. Бојното поле било прекриено со трупови;

израелската војска била потполно уништена. Пропаст и смрт - тоа биле последиците на овој бунтовен експеримент.

Најпосле, принудени да се понизат, преживеаните повторно дошле и „почнавте да плачете пред Господа, но Господ не го чу вашиот плач и не ве послуша“ (5. Мојсеева 1,45). Охрабрени со сјајната победа, непријателите на Израел, кои порано со страв и трепет го очекувале приближувањето на силната војска, биле решени повторно да им се противстават. Сè што се зборувало за чудесата што ги сторил Господ за својот народ, сега се сметани за невистина и чувствувале дека немаат веќе причина за страв. Овој прв пораз на Израелците ги инспирирал Хананците со храброст и решителност што во значителна мера ги зголемило тешкотиите околу освојувањето на земјата. На Израелците не им преостанало ништо друго освен пред очите на своите победнички расположени непријатели да се повлечат што подлабоко во пустината, свесни дека таа ќе биде гробница за цело едно поколение.

35

# БУНТОТ НА КОРЕЈ

*Оваа глава е заснована на 4. Мојсеева 16 и 17 глава*

Казните што ги снаоѓале Израелците за извесно време го зауздувале нивното незадоволство и нивната непокорност, но сè уште во нивното срце се наоѓал дух на бунт кој најпосле донел мошне горчливи плодови. Поранешните буни биле обични нереди, последици на ненадејни изливи на раздразнетата толпа; но сега е создаден посилен заговор, произлезен од решителни намери да се собори авторитетот на водачите што ги поставил лично Бог.

Водачот на ова движење, Кореј, бил Левит, од семејството на Кат и Мојсеев роднина, способен и влијателен човек. Иако му била доделена служба во шаторот за состанок, тој не бил задоволен со својата положба туку се стремел кон свештеничко достоинство. Неговата љубомора и незадоволство се предизвикани со тоа што свештеничката служба, која порано му била доверена на првородениот во секое семејство, му е доделена само на Арона и на неговиот дом. Затоа Кореј веќе подолго време потајно работел против Мојсеевиот и Ароновиот авторитет, иако не се осмелувал отворено да се дигне против нив. Но најпосле се осмелил и решил да го собори и граѓанскиот и верскиот авторитет. Бргу пронашол истомисленици. Недалеку од шаторот на Кореја и шаторите на синовите на Кат, на јужната страна од Светилиштето се наоѓал логорот на племето на Рувима; во близина на шаторот на Кореја биле шаторите на Датана и Авирона, двајца кнезови од споменатото племе. Тие кнезови подготвено му се придружиле во спроведувањето на честољубивите планови. Како потомци на најстариот син на Јакова, тие тврделе дека граѓанскиот авторитет им припаѓа ним, па решиле со Кореја да ги поделат свештеничките почести.

Намерата на Кореја била помогната и од состојбата на народното расположение. Среде огорченоста и разочарувањето, кај нив повторно се јавиле поранешните сомнежи, љубомора и омраза и повторно предизвикале поплаки против толку стрпливиот водач.

Израелците постојано го губеле од вид фактот дека се под Божје водство. Заборавале дека заветниот Ангел бил нивни невидлив Водач, дека засолнето со облак пред нив одело Христовото присуство и дека Мојсеј токму од него ги добивал сите упатства. 396

Не можеле да се помират со страшната пресуда според која морале да изумрат во пустината и затоа радо го прифатиле толкувањето дека пресудата им ја изрекол Мојсеј, а не Бог. Ниту најсесрдните напори на најкроткиот човек на земјата не можеле да го совладаат непокорниот дух на тој народ. Иако меѓу нив сè уште се забележувале знаците на Божјето негодување поради поранешните грешки - нивните редови разбиени а бројот намален - опомената не ја примиле на срце. Пак му подлегнале на искушението.

Во својот скромен пастирски живот, Мојсеј бил многу помирен и посреќен отколку на сегашната положба како водач на еден голем народ со немирни духови. Но Мојсеј не се осмелувал да бира. Наместо пастирски стап, му била дадена палка на моќ што не можел да ја одложи додека не му нареди Бог.

Оној што ги чита тајните на секое срце, ги забележал намерите на Кореја и на неговите другари и на својот народ му дал предупредувања и опомени според кои можеле да се сочуваат од измамите на тие подмолни луѓе. Тие ја виделе Божјата казна што ја снашла Марија поради нејзината љубомора и жалби против Мојсеја. Бог изјавил дека Мојсеј е поголем од секој пророк. „Јас говорам со него уста со уста ... како не се исплашивте да го прекорувате мојот слуга Мојсеј?“ Тие поуки важеле не само за Арона и за Марија, туку и за цел Израел.

Кореј и неговите заговорници имале предимство да ги видат посебните откровенија на Божјата сила и големина. Му припаѓале на оној број луѓе кои со Мојсеја биле на горатa и ја виделе Божјата слава. Но од тоа време настапила промена. На почетокот биле изложени на едно малечко искушение кое со текот на времето станувало сè посилно додека сатаната не им ги обзел сите мисли, па се осмелувале дури и јавно да го изразуваат своето незадоволство. Изјавувајќи дека на срце им лежи благосостојбата на народот, тие во почетокот си го дошепнувале своето незадоволство еден на друг, а подоцна и на водечките луѓе во Израел. Нивните иницијативи 397
толку радо се прифаќани, што се осмелиле да одат и понатаму, додека најпосле и самите не поверувале дека се инспирирани со ревност за Бога.

Им успеало да заведат двесте и педесет кнезови, угледни и чесни луѓе. Цврсто се надевале дека со толку влијателни и силни соработници ќе извршат коренити измени во начинот на владеењето и дека управата на Мојсеја и Арона значително ќе ја поправат.

Љубомората предизвикала завист, а зависта бунт. Долго расправале за тоа со какво право Мојсеј ужива толку голем авторитет и толку голема чест. Тие расправии најпосле создале помисла дека тој зазема положба која исто така би можел да ја зазема секој од нив. Се мамеле еден со друг и самите себеси, мислејќи дека Мојсеј и Арон сами се добрале до своите положби. Незадоволниците тврделе дека овие водачи сами се издигнале над Господовиот народ, преземајќи ги свештеничките звања и власт иако нивниот дом немал поголеми права од другите Израелови домови; не биле посвети од другите и требало да се задоволат со тоа што ќе бидат рамноправни со другите браќа кои исто толку уживале предимство на Божје присуство и заштита.

Потоа заговорниците му се обратиле на народот. За оние кои се во заблуда и кои заслужуваат прекор, ниту малку не е попријатно отколку да им се укаже наклоност и да им се упатува пофалба. Така Кореј и неговата група го привлекле вниманието на собирот и добиле негова поддршка. Тврделе дека е заблуда да се каже оти народното незадоволство предизвикува Божји гнев. Зборувале дека собирот не грешел, бидејќи го барал само своето право, дека Мојсеј е горделив господар кој ги обвинувал луѓето како грешници, а дека всушност народот е свет и Господ е среде него.

Потоа Кореј се осврнал на нивните патувања низ пустината, како биле доведени во тешки неприлики и мнозина го загубиле животот поради жалбите и непослушноста. Слушателите помислувале дека сега е сè јасно, дека можеле да ги избегнат сите тие опасности само кога Мојсеј би постапувал поинаку. Биле уверени дека тој е виновен за сите тешкотии и дека биле исклучени од Ханан поради погрешното водство на Мојсеја и Арона. Им се чинело дека нивното патување би било мошне мирно и среќно кога Кореј би
398 им бил водач, кога би ги храбрел истакнувајќи ги нивните добри дела наместо да ги укорува нивните гревови. Наместо талкање низ пустината, можеле да заминат директно во ветената земја.

При ширењето на незадоволство во заедницата, посилно од кога и да е, постоело единство меѓу незадоволниците. Успехот на Converter Кореја кај народот ја засилувал неговата самоувереност и убедување дека узурпацијата на власта од страна на Мојсеја, доколку не му се застане на пат, ќе ја загрози слободата на народот. Тој тврдел дека Бог му ги отворил очите и го овластил да изврши промена во водството пред да биде доцна. Но мнозина не се согласувале со обвинувањата на Кореја против Мојсеја. Си спомнувале за стрпливата и пожртвувана работа на Божјиот слуга и совеста не им била мирна. Затоа било неопходно на неговото големо залагање за Израелците да му се припише некоја себична побуда; повторено

е старото обвинување дека тој го извел народот од Египет за да го уништи во пустината и да го пригради за себе народниот имот.

Извесно време сето тоа се работело во тајност. А кога движењето нараснало до таа мера што станало јавно, се појавил Кореј на чело на својата група и отворено ги обвинил Мојсеја и Арона дека ја пригдрабиле за себе онаа власт на која исто толку имаат право и Кореј и неговите другари. Понатаму, подигнале обвинување дека на народот му е одземена слободата и независноста. „Доста ви е“, велеле заговорниците, „целото општество, сите се свети, и меѓу нив е Господ. А вие зошто се поставувате погоре од Господовиот народ?“

Мојсеј и не насетувал какви заговори се коват, а кога наеднаш ја сфатил сета негова стравотија, паднал ничкум пекајќи пред Бога во тајна молитва. Потоа станал, прибран и силен, иако тажен. Бог сигурно го водел додека ги изговарал зборовите: „Утре ќе покаже Господ кој е негов и кој е свет за да го приближи кон себеси; и кого Тој ќе го избере, него и ќе го доближи до себеси.“ Таа проверка требало да биде одложена за следниот ден за сите да имаат време да размислат. Потоа требало секој од оние што полагале право на свештенички позив да дојде и со своја кадилница да го окади шаторот за состанок во присуство на целата народна заедница. Законот јасно кажува дека во Светилиштето можат да служат само оние кои се повикани во света служба. Дури и Надав и Авијуд, иако свештеници, биле погубени затоа што, наспроти Божјата заповед, се осмелиле да принесат „туѓ оган“. Но Мојсеј *399*
сепак своите тужители ги повикал својата работа да му ја доверат на Бога ако сакаат да го прифатат тој опасен позив.

Обраќајќи им се посебно на Кореја и на Левитите што му се придружиле, Мојсеј рекол: „Малку ли ви е тоа што Израеловиот Бог ве оддели од Израеловото општество и ве приближи кон себе за да служите во шаторот Господен, служејќи за нив. Тој те приближи тебе и заедно со тебе сите твои браќа, Левиеви синови, а вие барате уште и свештенство. И така, ти и целата твоја дружина сте се собрале против Господа. Што е Арон, па негодувате против него?“

Датан и Авирон не зазеле толку дрзок став, како Кореј, и Мојсеј, надевајќи се дека тие се само вовлечени во заговорот и дека не се наполно расипани, ги повикал кај себе за да ги сослуша нивните обвинувања. Меѓутоа, тие не сакале да дојдат, туку безобѕирно одбиле да го признаат неговиот авторитет. Нивниот одговор, кажан пред целиот народ, гласел: „Малку ли ти беше што нè изведе од земјата каде што тече мед и млеко за да нè погубиш во оваа пустина, па сакаш уште да господариш над нас; си станал кнез! Нè одведе ли во земјата каде што тече мед и млеко и ни даде ли да владеемениви

и лозја, или сакаш да им ги извадиш очите на овие луѓе? Нема да одиме.“ Значи, ги употребиле истите зборови со кои Бог го опишал ветеното наследство за да ја прикажат земјата на своето робување. Мојсеја го обвинувале дека тврди оти работи под Божје водство само затоа да го одржи својот авторитет; изјавиле дека нема веќе да дозволат тој да ги води низ пустината како слепци ту кон Хорив, ту кон пустината, според неговите променливи честољубиви намери. Така, оној кој бил сличен на нежен татко и стрплив пастир, е прикажан како тиран со мрачен карактер и узурпатор. Него го обвинувале за исклучувањето од Ханан, иако тоа била казна за нивните сопствени гревови.

Било очигледно дека народот бил на страна на незадоволниците, но Мојсеј не се трудел да се оправда себеси. Во присуство на целиот народен собир се повикувал на Бога како сведок дека неговите намери биле чисти, а ставот исправен и се молел Тој да му биде судија.

400 Следното утро, тие двесте и педесет кнезови, со Кореја на чело, се појавиле со кадилници пред шаторот. Биле одведени во тремот на Светилиштето, а народот бил собран надвор да го почека резултатот. Мојсеј не го свикал собирот да биде сведок на Кореевиот пораз и на поразот на неговата група, туку бунтовниците сами ги собрале со својата слепа дрскост да бидат сведоци на нивната пропаст. Голем дел од народот бил на страна на Кореја, зашто овој бил сигурен дека ќе го победи Арона.

Откако се собрале пред Господа, „славата Господова се јави пред целиот собир“. Бог ги предупредил Мојсеја и Арона: „Секој од вас нека се истави од тие луѓе, и за миг ќе ги истребам.“ Но тие паднале ничкум со молба: „Боже, Боже на духовите и на секое тело! Еден човек згреши, а ти на целиот народ ли се гневиш?“

Кореј истапил од собирот за да се упати кон Датана и Авирона кога Мојсеј со седумдесеттемина старешини се упатил кон тие луѓе кои одбиле да му пристапат за да ги опомене за последен пат. Мноштвото тргнало и Мојсеј, пред да ја упати својата порака, по Божја наредба ги предупредил присутните: „Отстапете од шаторите на тие опачни луѓе! Не допирајте ништо што е нивно за да не бидете уништени поради сите нивни гревови.“ Народот ја послушал опомената зашто сите биле проникнати со страв од казната што претстоела. Главните бунтовници виделе како ги напуштаат оние што ги измамиле, но останале непоколебливи во својата дрскост. Стоеле со своите семејства пред вратите на своите шатори токму како да ѝ пркосат на Божјата опомена.

Тогаш Мојсеј, во име на Израеловиот Бог, изјавил пред целиот народен собир: „Вака ќе познаете дека Господ ме прати да ги извр-

шам сите овие дела, а не го правам тоа сам од себеси. Ако овие луѓе умрат како што умираат сите луѓе, и ако ги снајде некаква казна каква што ги снаоѓа сите луѓе, тогаш Господ не ме пратил мене. Но, ако Господ стори нешто необично - ако земјата ја отвори својата утроба и ги голтне со сè што е нивно, и ако живи слезат во гроб, тогаш знајте дека овие луѓе го презреле Господа.“

Очите на сиот Израел биле насочени кон Мојсеја и со страв
очекувале да видат што ќе се случи. А кога Мојсеј престанал да
зборува, тврдата почва се расцепила и заговорниците живи про- 401
паднале во утробата на земјата заедно со сè што било нивно „и
исчезнаа од народот“. Народот се разбегал бидејќи се чувствувал
како соучесник во гревовите на осудените.

Но казната уште не била целосна. Од облакот светнала секавица и ги убила оние двесте и педесет кнезови кои принеле свој темјан. Бидејќи не биле зачетници на заговорот, не биле уништени заедно со главните бунтовници. Им било дозволено да го видат нивниот крај и дадена им е можност да се покаат; но тие ги жалеле бунтовниците, па затоа ги снашла иста судбина.

Израелците можеле да ја избегнат Божјата казна дури и тогаш кога Мојсеј ги молел да се спасат од претстојната пропаст, само кога Кореј и неговата група би се покајале и би побарале проштавање. Меѓутоа, нивната упорна тврдоглавост им ја запечатила судбината. Целиот народен собир бил соучесник во нивната кривица зашто сите, во поголема или помала мера, им биле наклонети. Сепак, Бог во својата голема милост правел разлика меѓу водачите на заговорот и оние што биле само заведени. На народот, кој дозволил да биде заведен, му е дадена можност да се покае. Им биле дадени силни докази дека згрешиле, а дека Мојсеј имал право. Јасниот показ на Божјата сила отстранил секоја неизвесност.

Ангелот, Христос, кој одел пред Евреите, се трудел да ги спаси од пропаста. Копнеел да им подари проштавање. Божјата казна, која само што не се урнала врз нив, претставувала повик на покајание. На нивниот бунт одненадеж му е ставен крај, со што на посебен начин се вмешало лично Небото. И сега, кога би ја примиле поуката на Божјето провидение, би можеле да бидат спасени. Но, додека исплашени бегале пред казната, тие не се исцелиле од бунтот. Таа ноќ се вратиле во своите шатори уплашени, но не и покајани.

Кореј и неговото друштво толку многу им ласкале на Израелците, што овие најпосле навистина поверувале дека тие, а и народот, се мошне добри, а дека Мојсеј им нанел неправда и ги малтретирал. Ако признаат дека Кореј и неговата дружина биле во заблуда, а Мојсеј имал право, тогаш би биле присилени како Божја казна да ја прифатат и осудата според која требало да изумрат во

пустината. Тие пак не биле готови да го прифатат тоа и се труделе
да поверуваат дека Мојсеј ги измамил. Негувале напразна надеж
402 дека новиот поредок, наместо грижи, караници и укори, ќе им до-
несе олеснение и пофалба. Луѓето што пропаднале им ласкале и
им тврделе како многу ги сакаат и дека на срце ги носат, па народот
заклучил дека Кореј и неговите соучесници сигурно се добри луѓе,
а Мојсеј на некој начин ја предизвикал нивната пропаст.

Тешко можело луѓето да му нанесат на Бога поголема навреда од оваа - да ги отфрлат и да ги презрат орудијата што Бог сакал да ги употреби за нивно сопствено спасение. Меѓутоа, Израелците не само што го сториле тоа, туку имале намера и да ги убијат Мојсеја и Арона. Не увидувале колку било потребно да се молат на Бога да им го прости нивниот тежок грев. И таа ноќ на искушение не ја поминале во каење и признавање на своите гревови, туку во планирање како ќе се противставаат со докази што ги потврдувале нивните големи гревови. Сè уште негувале омраза кон луѓето што ги одбрал Бог и ја собирале сета сила да му се противставаат на нивниот авторитет. Сатаната бил готов да им го помати умот и така заслепени да ги турне во пропаст.

Цел Израел се разбегал во страв кога ги слушнал пискотите на осудените грешници кои пропаѓале во длабината, велејќи: „Да не нè голтне и нас земјата.“ „Утредента целиот собир на синовите Израелови возропта против Мојсеја и Арона и рече: ’Вие го уништивте народот Господов.’“ Имале намера да применат дури и сила против тие верни и самопожртвувани водачи.

Тогаш над Светилиштето се открила божествената слава и се слушнал глас од облакот, обраќајќи им се на Мојсеја и Арона: „Иставете се од тој собир за веднаш да ги уништам.“

Мојсеј не бил виновен за сторениот грев, па затоа и не се плашел и не заминал веднаш за да не го препушти собирот на пропаст. Не брзајќи да се оддалечи и да се засолни, Мојсеј во таа страшна криза покажал вистинска грижа на пастир за довереното му стадо. Се молел на Бога да не го уништи во гневот одбраниот народ. Со своето посредување ја запрел раката одмаздничка со цел непослушниот и бунтовен Израел да не биде наполно уништен.

Но извршителот на гневот излегол и поморот го сторил своето.
Според упатството на својот брат, Арон ја зел кадилницата „и се
најде среде собирот ... го окади и го очисти народот“. „И застана
меѓу мртвите и живите.“ Како се издигнувал мирисот на темјанот,
така кон Бога се издигнувале и Мојсеевите молитви од Светилиш-
тето, па поморот запрел; но дури тогаш, кога веќе четиринаесет
403 илјади Израелци лежеле мртви како доказ за казната со која биле
казнети мрморењето и бунтот.

Освен тоа, даден е уште еден доказ дека свештенството му припаѓа само на Ароновото семејство. По Божја наредба, секое племе донело по една палка и на неа напишано неговото име. Ароновото име стоело на палката на племето на Левие. Сите палки биле поставени во светињата „пред сведоштвото“. Процутената палка требало да претставува Божји знак дека соодветното племе е избрано за свештеничка служба. „Утредента влегоа Мојсеј и Арон во шаторот на сведоштвото, и ете, Ароновата палка, од Левиевиот дом, беше потерала, пуштила гранчиња, процутела и родила бадеми.“ Таа палка му е покажана на народот, а потоа е оставена да се чува во шаторот како сведоштво за идните поколенија. Со тоа чудо конечно е решено прашањето на свештенството.

Така најпосле било утврдено дека Мојсеј и Арон зборувале со божествен авторитет и народот бил присилен да ја прифати непријатната вистина дека мора да изумрат во пустината. „Изумревме“, викале на глас, „изумревме, сите пропаднавме.“ Тогаш признале дека згрешиле што се побуниле против своите водачи и дека Кореја и неговата дружина ги снашла праведна Божја казна.

Во бунтот на Кореја може да се забележи, само во помалечок размер, дејствувањето на истиот оној дух што го предизвикал и бунтот на сатаната на небото. Токму гордоста и самољубието го поттикнале Луцифера да се жали против Божјето владеење и се обидел да го урне поредокот што владеел на небото. Уште од својот пад, сатаната постојано се труди да го влее кај луѓето својот дух на завист и незадоволство, и стремеж за положби и почести. Така тој дејствувал и врз духот на Кореја, на Датана и Авирона за да разбуди кај нив желба кон самоизвишување и поттикнал завист, недоверба и бунт. Сатаната ги навел да го отфрлат Бога како свој водач на тој начин што ќе ги отфрлат луѓето кои ги именувал Бог. И, навредувајќи ги Мојсеја и Арона, тие всушност хулеле на Бога и биле измамени до таа мера што себеси се сметале за праведни, а оние што верно ги укорувале за гревот, како орудија на сатаната.

Зар нема и денеска исти такви зла што лежат во основата на пропаста на Кореја? Гордоста и славољубието широко се распространети; а попуштањето пред тие склоности го отвора патот 404
за завист и борба за превласт; душата се отуѓува од Бога и несвесно преминува во редовите на сатаната. Слично на Кореја и на неговите другари, и денеска мнозина, дури и меѓу таканаречените Христови следбеници, размислуваат, планираат и силно се стремат кон самоизвишување; само да си обезбедат себеси истомисленици, тие се подготвени дури и да ја изопачат вистината и да ги оцрнат Господовите слуги, припишувајќи им најниски и најсебични побуди кои всушност ги поттикнуваат нивните сопствени срца. Со

постојано повторување на лагата, наспроти јасните спротивни докази, најпосле и самите почнуваат да веруваат дека тоа е вистина. Трудејќи се да ја уништат довербата кај народот во оние луѓе што ги избрал Бог, тие навистина мислат дека прават добро и дека му служат на Бога.

Евреите не биле расположени да ги прифатат Божјите упатства и ограничувања. Тие не поднесувале никакви ограничувања и нерадо примале прекори. И тоа била главната причина за нивното мрморење против Мојсеја. Да им било дозволено да прават што сакаат, помалку би се жалеле на својот водач. Во текот на целата историја на црквата, Божјите слуги наидувале на истиот тој дух.

Попуштајќи му на гревот, луѓето му овозможуваат на сатаната да ѝ пристапи на нивната душа и така запаѓаат во сѐ поголемо беззаконие. Поради отфрлањето на светлината, разумот потемнува и срцето се стврднува, па уште полесно е да се стори следниот чекор што води во грев и да се отфрли уште појасната светлина сѐ додека најпосле наполно не се вкорени навиката да прават зло. Гревот не им изгледа веќе грешен. Оној што верно ја објавува Божјата реч и го осудува нивниот грев, мошне често навлекува на себе нивна омраза. Бидејќи не сакаат да поднесуваат болка и жртва, што е нужен придружник на преродбата, тие се свртуваат против Божјиот слуга, изјавувајќи дека неговите прекори се неправедни и преостри. Слично на Кореја, тие тврдат дека народот е без кривица, а дека оној што ги укорува всушност е виновен за сето зло. И така, умирувајќи ја својата совест со таа заблуда, зависливците и бунтовниците се здружуваат за да сеат раздор во црквата и да ги ослабнуваат рацете на оној што настојува да ја изгради.

Секој напредок, остварен со напорите на оние што ги повикал Бог да предничат во неговото дело, предизвикувал презир. Зависливците и незадоволниците погрешно прикажуваат секоја постапка. Така било и во времето на Лутера и Веслеја и во времето на другите реформатори - така е и денеска.

Кореј не би се однесувал како што се однесувал кога би знаел дека сите заповеди и упатства што му биле дадени на Израел доаѓале од Бога. Но тој тоа можел да го знае. Бог дал убедливи
405 докази кои сведочеле дека Тој го води Израел. Меѓутоа, Кореј и неговите соучесници ја отфрлиле светлината и станале толку заслепени, што ни најочигледните откровенија на неговата сила не биле доволни да ги убедат; тие сето тоа ѝ го припишувале на човечката или на сатанската моќ. Исто така се однесувал и народот кој тој ден, по пропаста на Кореја, дошол кај Мојсеја и кај Арона велејќи: „Вие го уништивте народот Господен." Иако имале убедливи докази дека нивното однесување не му се допаднало на

Бога, зашто ги уништил оние што ги прелагале, сепак се осмелиле Божјата казна да му ја припишат на сатаната, изјавувајќи дека смртта на тие наводно добри и свети луѓе ја предизвикале Мојсеј и Арон со помош на силата на злото. Тоа им ја запечатило судбината. Сториле грев против Светиот Дух, грев чијашто последица е потполна нечувствителност на човечкото срце пред влијанието на божествената милост. Христос кажува: „Ако некој каже збор против Синот човечки, ќе му се прости, но ако каже нешто против Светиот Дух, нема да му се прости“ (Матеј 12,32).

Тие зборови ги изговорил нашиот Спасител во она време кога Евреите делата на милоста што Тој ги правел со Божја сила му ги припишувале на Велзевула. Бог комуницира со луѓето со помош на Светиот Дух, но оние кои намерно го отфрлаат тоа средство како сатанско, сами ја прекинуваат врската меѓу душата и небото.

Бог дејствува со помош на Светиот Дух за грешникот да го покара и да го убеди, а кога делото на Светиот Дух конечно ќе се отфрли, тогаш Бог не може ништо веќе да стори за душата. Со тоа Тој се послужил со последното средство на божествената милост. Престапникот се оделил од Бога и нема веќе никакво средство со кое би можел да се лекува од гревот. Не постои никаква друга сила со која Бог би можел да го убеди и да го обрати грешникот. Тогаш Божјиот налог гласи: „Остави го“ (Осија 4,17). „Ако своеволно грешиме откако јасно сме ја запознале вистината, не ни преостанува веќе жртва за гревовите, туку страшно очекување на суд и јаростен оган што ќе ги проголта противниците“ (Евреите 10,26.27).

36

# ВО ПУСТИНАТА

Речиси четириесет години синовите Израелови исчезнуваат од видикот и талкаат низ пустинските пространства. Мојсеј кажува: „Откако отидовме од Кадес-Варни па додека го поминавме потокот Заред, поминаа триесет и осум години, додека не изгинаа сите мажи, годни за војна, според она како им се беше заколнал Господ Бог. И навистина, раката Господова беше против нив, истребувајќи ги од логорот, додека сите не изумреа“ (5. Мојсеева 2,14.15).

Во текот на сите тие години, народот постојано бил потсетуван дека е под Божја казна. Во бунтот кај Кадес го отфрлиле Бога, а и Бог ги отфрлил нив за извесно време. Бидејќи се покажале неверни кон неговиот завет, извесно време требало да бидат лишени од заветниот знак, од чинот на обрезанието. Нивната желба да се вратат во земјата на ропството покажала дека биле недостојни за слобода и за учествување во свечениот обред наречен Пасха, која била установена да го овековечи нивното ослободување од ропството.

Сепак, постојаната служба во Светилиштето сведочела дека Господ не се откажал потполно од својот народ. Во своето провидение Тој сѐ уште се грижел за нивните потреби. Повторувајќи ја историјата на нивното талкање, Мојсеј рекол: „Твојот Господ Бог те благослови во секое дело на твоите раце. Сети се како помина додека патуваше низ таа голема и страшна пустина; ете, четириесет години твојот Господ Бог беше со тебе; ти од ништо не се лишуваше“ (5. Мојсеева 2,7). А левитската химна што верно ја забележал Немија живо ја претставува Божјата грижа за Израелците дури и во текот на оние години кога биле отфрлени и прогонети: „Ти, поради своето големо милосрдие не ги остави во пустината. Облачниот столб не се одделуваше од нив дење, за да ги води по патот, и огнениот столб ноќе, за да им свети по патот по кој требаше да
407 одат. Ти им го даде својот благ Дух да ги поучува, и не ја одземаше својата мана од нивната уста, па и вода им даваше за гаснење на нивната жед. Четириесет години ги хранеше во пустината ... облеката не им изветви и нозете не им отекоа“ (Немија 9,19-21).

Талкањето низ пустината не било одредено само како казна за бунтовниците и незадоволниците, туку и како воспитно средство за помладото поколение, како подготовка за влегување во ветената земја. Мојсеј им објаснил: „Признај во своето срце дека твојот Господ Бог те негува и те поправа како таткото што го одгледува својот син“, „за да те понизи, да те провери и да дознае што ти е во срцето - дали ќе ги држиш неговите заповеди или не. Те понизи и со глад те мачеше, но пак те хранеше со мана за која не знаеше ниту ти ниту твоите татковци, за да ти покаже дека човекот не живее само од лебот, туку од секој збор што излегува од Божјата уста“ (5. Мојсеева 8,5.2.3).

„Го најде во пустина, во земја безводна, го заштитуваше, се грижеше за него, го чуваше како црнката на своето око“ (5. Мојсеева 32,10). „Во ниедна нивна жалост Тој не ги остави. Не праќаше пратеник ниту ангел, туку сам ги спаси. Во својата љубов и сомилост сам ги откупи, ги подигна и ги носеше во сите денови од древнина“ (Исаија 63,9).

Па сепак, сите податоци што ги имаме за нивниот живот во пустината се бунт против Господа. Бунтот на Кореја бил причина што во Израел се уништени четиринаесет илјади души. А имало и поединечни случаи во кои се видел истиот дух на непочитување кон божествениот авторитет.

Еднаш, синот на некоја Израелка и Египќанец, кој ѝ припаѓал на светината што пошла со Евреите од Египет, го напуштил местото во својот дел на логорот и влегол во логорот на Израелците, тврдејќи дека има право таму да го постави својот шатор. Божјата заповед тоа го забранувала; потомците на Египќаните до трето колено морале да бидат исклучени од собирот на Израел. Така почнала караница меѓу него и еден Израелец и проблемот дошол пред судиите кои го осудиле престапникот.

Лут поради таквата одлука, овој го пцуел судијата и во својата
огнена расправија хулел на Божјето име. Веднаш го довеле пред
Мојсеја. Било заповедано: „Кој ќе го проколне својот татко или 408
својата мајка, нека се казни со смрт“ (2. Мојсеева 21,17), но за
донесување на пресуда за ваков случај немало никакви упатства.
Престапот бил толку страшен, што почувствувале потреба да побараат посебно упатство од Господа. Човекот го држеле во затвор сè додека не ја слушнале Божјата волја. Пресудата ја изговорил сам Господ; по Божја наредба бил изведен од логорот и таму каменуван. Оние што сведочеле дека е виновен, ги ставиле своите раце на неговата глава и со тоа потврдиле дека обвинувањето против него е вистинито. Тогаш тие први фрлиле камење, а народот по нив и така е извршена казната.

Потоа уследило објавување на еден закон според кој се судело во слични случаи: „Секој што ќе похули на својот Бог, ќе го прими својот грев; и оној што ќе го навреди името Господово, треба да умре, со камења да го убие сиот народ, било да е тој придојден или тукашен, ако похули на името Господово, да умре “ (3. Мојсеева 24,15.16).

Има луѓе кои ја оспоруваат Божјата љубов и праведност затоа што толку тешко ги казнува зборовите изречени во лутина и во миг на настап на страст. Но токму Божјата љубов и неговата правда бараат лошите зборови против Бога да се сметаат за голем грев. Казната над првиот престапник треба на другите да им послужи како опомена дека Божјето име мора да се почитува. Кога гревот на тој човек би останал неказнет, и други би се расипувале; а на крај можеби многу животи би морале да бидат жртвувани.

Припадниците на светината - оние што се помешале со Израелците при излегувањето од Египет - претставувале постојан извор на искушенија и неволји. Тие тврделе дека се откажале од своите идоли и дека му се молат само на вистинскиот Бог, но нивното поранешно воспитување оставило траги во нивниот карактер и во нивните навики, што во поголема или помала мера се гледало во склоноста кон многубоштвото и во непочитувањето на Бога. Обично тие почнувале караници и први да се жалат, па така целиот логор би го заразиле со своите незнабожечки навики и со мрморење против Бога.

Набргу по враќањето во пустината настанал и еден престап во врска со празнувањето на саботата и тоа под околности што
409 го сториле посебен грев. Објавувањето на божественото решение дека Израел ќе биде лишен од ветеното наследство предизвикало бунт. Еден човек, гневен што ќе биде исклучен од Ханан и решен да му пркоси на Божјиот закон, се осмелил јавно да ја престапи четвртата заповед така што во сабота отишол да собира дрва. За време на престојот во пустината било строго забрането да се пали оган во седмиот ден. Но таа заповед не ја опфаќала и хананската земја во која острата клима често наметнувала потреба од користење на оган; во пустината, пак, било доволно топло и оган не бил потребен. Тој човек потполно самоволно и намерно ја прекршил четвртата заповед и сторил грев не непромислено или од незнаење, туку дрско и пркосно.

Го фатиле на дело и веднаш го довеле пред Мојсеја. Веќе било кажано дека престапот на саботата мора да се казни со смрт, но не бил познат начинот на извршување на казната. Мојсеј случајот го изнел пред Господа кој го дал следното упатство: „Тој човек треба да умре. Целиот собир нека го убие со камење надвор од логорот“

(4. Мојсеева 15,35). Хулењето на Бога и намерното престапување на саботата биле казнети со иста казна, зашто еднакво биле израз на непочитување на Божјиот авторитет.

Иако саботата потекнува уште од создавањето, денеска мнозина ја отфрлаат како еврејска установа и тврдат дека, доколку саботата треба да се празнува, и престапот на таа заповед мора да се казнува со смрт; меѓутоа, овде гледаме дека хулењето на Бога се казнувало со иста казна како и престапот на саботата. Зар од тоа да заклучиме дека и третата заповед треба да се отфрли како таква која се однесувала само на Евреите? Всушност, образложението за смртната казна може да се примени на третата, на петтата и на сите други десет заповеди исто толку колку и на четвртата. Иако Господ денеска не ги казнува престапниците на законот со привремени казни, неговата Реч сепак објавува дека плата за гревот е смрт; и при последното одмерување на казната ќе се покаже дека смртта е дел на сите што ги престапиле неговите свети прописи.

Во текот на сите четириесет години од престојот во пустината,
чудото поврзано со паѓањето на мана секоја седмица народот
го потсетувало на неговата света обврска да празнува сабота. 410
Но дури ни тоа не им помогнало да бидат послушни. Иако не се осмелувале саботата да ја престапат тако отворено и дрско како оној кој за тоа бил посебно казнет, сепак биле мошне немарни во врска со почитувањето на четвртата Божја заповед за која Бог преку пророкот објавил: „Саботите мои ги осквернуваа“ (Езекил 20,13.24). И тоа се вбројува меѓу причините поради кои првото поколение било лишено од влегување во ветената земја. Меѓутоа, нивните потомци не извлекле од тоа никаква поука. За време на четириесетгодишното талкање тие во толкава мера го занемариле празнувањето на саботата, што Бог, иако не ги спречил да влезат во Ханан, сепак рекол дека по населувањето во ветената земја ќе бидат растурени меѓу незнабошците.

Синовите Израелови од Кадес се упатиле назад во пустината, и кога времето на нивниот престој во пустината завршило, „дојдоа во пустината Син во првиот месец, и народот се задржа во Кадес“ (4. Мојсеева 20,1).

Тука умрела Марија и тука е закопана. Од сцена на радост на брегот на Црвеното Море, кога Израел со песна и игра ја славел победата на Јехова, па до гробот во пустината, кој го означувал крајот на животното талкање - тоа била судбина на милиони луѓе кои од Египет кренале со големи надежи. Гревот ја истргнал чашата на благословите од нивните усни. Дали следното поколение ќе ја прими оваа поука во срцето?

„Наспроти сето тоа, тие продолжија да грешат и во неговите чуда да не веруваат ... кога ги убиваше го бараа, се каеја и желно при Бога се враќаа; си спомнуваа дека Бог им беше закрила, дека Севишниот Бог им беше искупител“ (Псалм 78,32-35). Меѓутоа, не се враќале кај Бога со искрени намери. Дури и кога биле угнетувани од непријателите, барале помош од Оној кој единствено можел да ги ослободи, но „нивните срца не му беа верни, на неговиот завет не му беа доследни. А Тој милосливо им ги проштаваше гревовите и не ги погубуваше. Многупати својот гнев го задржуваше и со сета своја јарост не пламнуваше ... си спомнуваше дека се само трошно тело, само ветрец што поминува и повеќе не се враќа“ (Псалм 78,37-39).

37

# ВОДА ОД КАРПА

*Оваа глава е заснована на 4. Мојсеева 20,1-13*

Од карпата што ја удрил Мојсеј на горaта Хорив првпат бликнал животворен млаз кој ги освежил Израелците во пустината. Секогаш кога им било потребно, за сето време на талкањето низ пустината, постојано биле снабдувани со вода на чудесен начин со Божјата милост. Меѓутоа, водата што се појавила на Хорив не продолжила да тече. Секаде каде што попатно им било потребно, вода извирала од карпести пукнатини крај нивниот логор.

Моќта на Христовите зборови правела за Израелците секогаш да тече тазе вода. „Сите пиеја исто духовно пиење, оти пиеја од духовната Карпа која ги придружуваше, а Карпата беше Христос" (1. Коринќаните 10,4). Тој бил извор на сите земни и духовни благослови. Вистинската Карпа, Христос, била со нив за сето време на нивното патување. „Не жеднееја додека ги водеше низ пустина; од карпа за нив вода извади, расцепи камен и вода потече" (Исаија 48,21). „Расцепи карпа - од неа вода бликна, низ пустинска земја потече како река" (Псалм 105,41).

Удрената карпа симболично го претставувала Христа и со тој симбол се дадени најдрагоцените духовни вистини. Како животворната вода што потекла од карпата што ја удрил Мојсеј, така и од Христа, за кого „ние мислевме дека Бог го бие" и кој бил „ранет за нашите престапи, малтретиран за нашите беззаконија" (Исаија 53,4.5), тече река на спасение за загубениот род. Како карпата што требало да биде удрена еднаш, „така и Христос еднаш се принесе да ги земе гревовите на мнозина" (Евреите 9,28). Нашиот Спасител не требало и вторпат да биде жртвуван; а оние што копнеат за благословот на неговата милост, треба само во име на Исуса да го побараат тоа, излевајќи ја желбата на своето срце во покајничка молитва. Таа молитва ќе го потсети Господа над војските на Исусовите рани и тогаш повторно ќе потече живототворната крв. Симбол на таа крв била живата вода што потекла за Израел.

412 Откако се населиле во Ханан, Израелците со силни изливи на радост го празнувале денот кога од карпата во пустината им потекла вода. Во Христово време тоа празнување им станало мошне впечатлива церемонија. Неа ја изведувале на празникот Сеници, кога во Ерусалим би се собрал народ од целата земја. Празнувањето траело седум дена и секој од тие седум дена излегувале свештеници со музика и со хор на Левитите со златен сад да нацрпат вода од силоамскиот извор. По нив одело мноштво молители, толку колку што можеле да дојдат до водата да пијат. За тоа време се одгласувале следните весели акорди: „Со радост ќе црпете вода од изворот на ова спасение“ (Исаија 12,3). Потоа налеаната вода би била однесена во храмот со звук на труба и со свечена песна: „Еве, нашите нозе стојат пред твојата врата, Ерусалиме!“ Додека мноштвото пеело пофални песни во придружба на музички инструменти и звук на труби, водата се леела на олтарот за жртви паленици.

Спасителот се послужил со таа симболична служба мислите на народот да ги упати кон благословите што дошол да им ги донесе. „А во последниот голем ден на празникот“ можел да се чуе неговиот глас како се одгласува низ просториите на храмот: „Кој е жеден нека дојде кај мене и нека пие. Кој верува во мене како што кажа Писмото, од неговото тело ќе потечат реки жива вода. А ова - кажува Јован - го кажа за Духот што го примија потоа оние кои веруваат во него“ (Јован 7,37-39). Освежителната вода, што извира во сува и пуста земја, помага пустината да процути и им дава живот на оние што се соочени со смрт. - Тоа е симбол на Божјата милост што може да ја даде само Христос, а која како жива вода ја чисти, ја освежува и ја засилува душата. Оној, во кого живее Христос, носи во себе непресушен извор на милост и сила. Христос го радува животот и им ја осветлува животната патека на сите што навистина го бараат. Неговата љубов, примена во срцето, донесува добри дела за вечен живот. И таа не само што ја благословува душата во која влегува, туку како жива река се излева низ зборовите и праведните постапки, освежувајќи ги сите жедни околу себе.

Во разговорот со жената Самарјанка на бунарот на Јакова, Спасителот се послужил со истата слика: „Кој пие од водата што ќе му ја дадам јас, нема никогаш да ожедни; таа во него ќе стане
413 извор на вода што тече во живот вечен“ (Јован 4,14). Христос ги поврзува обата симбола: Тој е и карпа и жива вода.

Исто така убави и впечатливи фигури можат да се најдат во целата Библија. Многу столетија пред Христовото доаѓање, Мојсеј укажувал на него како карпа на спасение на Израел (5. Мојсеева 32,15). Пеејќи за него, псалмистот го нарекол: „Мој избавител“,

„во Бога јас имам сигурен град и пристаниште“, „мој град и моја крепост“, „Бог е град на моето срце и мој дел до века“, „Бог е мое сигурно прибежиште“. И во Давидовите песни неговата милост се претставува како тивка вода, „на зелени пасишта“ каде што небесниот Пастир го пасе своето стадо. И пак кажува: „Од изобилството на твојот дом се насладуваат, од потоците на твоите сладости ги напојуваш. Зашто ти си извор на животот“ (Псалм 19,14; 62,7; 71,3; 73,26; 94,22; 23,2; 36,8.9). А мудрецот кажува: „Зборовите од човековите усни се длабока вода, а изворот на мудроста е кладенец што жубори“ (Мудри изреки 18,4). За Еремија Христос е „извор на жива вода“, а за Захарија „отворен извор ... за миење од гревовите и од нечистотијата“ (Еремија 2,13; Захарија 13,1).

Исаија го опишува како „вечна карпа“, како „сенка од голема карпа во сува земја“ (Исаија 26,4; 32,2) и го бележи драгоценото ветување кое сликовито ни го претставува животворниот млаз што потекол за Израел. „Сиромаси и неимотни бараат вода и нема; јазикот им се исушува од жед; јас, Господ, ќе ги чујам, јас, Бог Израелов, нема да ги оставам.“ „На жедната земја ќе излеам вода, и на сушната почва потоци“, „во пустина ќе бликне вода и потоци во сува земја“. Најпосле е упатен повик: „О сите вие кои сте жедни, дојдете на вода“ (Исаија 41,17; 44,3; 35,6; 55,1). А на последната страница на Божјата реч слушаме одглас на тој повик. „Бистра како кристал“, тече река жива вода од престолот на Бога и на Јагнето, и низ сите векови се одгласува повикот на милоста: „Кој е жеден, нека дојде, и кој сака, нека земе од водата на животот дарум“ (Откровение 22,1.17).

Непосредно пред доаѓањето на еврејскиот народ во Кадес, пресушила живата вода која толку години извирала крај нивниот логор. Господ имал намера уште еднаш да го провери својот народ. Сакал да испита дали ќе има доверба во него или ќе го следи примерот на неверството на своите татковци.

Пред нивните очи се простирале ритчињата на хананската
земја и за неколку дена одење пеш требало да стигнат до гра- 414
ницата на ветената земја. Не биле многу оддалечени од Едом кој
му припаѓал на потомството на Исава и низ кој водел определен
пат во Ханан. На Мојсеја му било наредено: „Свртете се кон север
и заповеди му на народот: ’Ќе поминете сега низ пределите на
вашите браќа, синовите Исавови, кои живеат во Сир, и тие ќе се
исплашат од вас... Храна купувајте од нив со пари и јадете; и вода
купувајте од нив колку што чини и пијте’“ (5. Мојсеева 2,3-6). Овие
упатства требало да бидат доволни да сфатат зошто престанало
снабдувањето со вода; пред нив се простирал патот за Ханан низ
покраини што биле плодни и богати со вода. Бог им ветил дека

непречено ќе поминат низ Едом и дека ќе имаат доволно храна и доволно вода. Значи, ако чудесната вода пресушила, тоа требало да биде повод за голема радост и знак дека нивното талкање низ пустината е при крај. Кога не би биле заслепени со неверство, тие тоа сигурно би го сфатиле. Меѓутоа, она што требало да служи како доказ дека Божјето ветување ќе се исполни, станало повод за сомневање и мрморење. Се чинело дека тие загубиле секоја надеж оти Бог ќе им го даде Ханан, па жалеле за благословите што ги уживале во пустината.

Но, пред да им биде дозволено да влезат во Ханан, морале да покажат дека веруваат во Божјите ветувања. Водата ја снемало пред да стигнат во Едом. Така, за извесно време им е дадена можност да одат со вера, а не да гледаат само нешто видливо. Меѓутоа, првото искушение предизвикало ист бунтовен и неблагодарен дух каков што покажале и нивните татковци. Штом во логорот се слушнал викот затоа што нема вода, ја заборавиле онаа Рака која толку години ги снабдувала со сите потреби и, наместо да бараат помош од Бога, се буནеле против него и очајно викале: „Камо да изумревме кога изумреја нашите браќа пред Господа“ (4. Мојсеева 20,1-13), што значи дека жалеле што не се меѓу оние кои изумреле за време на бунтот на Кореја.

Нивниот вик бил насочен против Мојсеја и Арона: „Зошто го доведовте народот Господов во оваа пустина да изумреме тука и ние и нашиот добиток? И зошто нè изведовте од Египет, па нè
417 доведовте на ова лошо место, каде што не може да се сее, каде што нема ни смокви, ни лозја, ни јаболка, дури ни вода за пиење“ (4. Мојсеева 20,4-6).

Водачите се упатиле кон вратата на шаторот за состанок и паднале ничкум. Тогаш повторно се јавила „Господовата слава“ и на Мојсеја му било наложено: „Земи го својот стап и собери го народот ти и твојот брат Арон, и пред нивни очи кажете ѝ на карпата пред нив и таа ќе пушти вода од себе. Така ќе им дадеш вода од карпата.“

Обајцата браќа излегле пред народот. Мојсеј го држел стапот в рака. Тие веќе биле стари луѓе. Долго го поднесувале бунтовничкиот дух и тврдоглавоста на Израелците; но сега, најпосле, дури и Мојсеја го предало трпението. „Слушајте, бунтовници!“ - викнал. „Можеме ли од оваа карпа да ви извадиме вода?“ (4. Мојсеева 20,10). И, наместо да ѝ проговори на карпата, како што му наредил Бог, тој ја удрил два пати карпата со својот стап.

Бликнал силен млаз вода, доволно да ја угасне жедта на илјадниците Израелови. Но била направена голема грешка. Мојсеј бил премногу возбуден додека зборувал. Неговите зборови биле

повеќе израз на човечки страсти отколку на свет гнев, поради што се обесчестува Бог. „Слушајте, бунтовници“, рекол. Заправо, тоа обвинување било оправдано; но, дури и вистината не треба да се зборува кога човекот е возбуден и нестрплив. Кога Бог му наредил на Мојсеја да ги прекори Израелците за нивниот бунт, на Мојсеја тоа му паѓало тешко токму како и ним, но Бог бил со него и му помагал да ја објави веста. Меѓутоа, кога Мојсеј презел на себе одговорност да го обвини народот, го ожалостил Божјиот Дух и само му нанел штета на народот. Јасно можело да се види дека немал трпение ниту самосовладување. Со тоа на незадоволните им е даден повод да се прашаат дали тој во минатото секогаш постапувал според Божјето упатство, а и да ги оправдаат своите гревови. Мојсеј го навредил Бога исто толку колку што го навредиле и тие. Тврделе дека неговото однесување уште од почеток било за осуда и заслужувало проверка. Сега го нашле изговорот што толку долго го барале, да ги отфрлат сите опомени што им ги пратил Бог преку својот слуга.

Мојсеј покажал недоверба кон Бога. „Можеме ли од оваа карпа да ви извадиме вода?“ (4. Мојсеева 20,10) - прашал. Се чинело како Господ нема да го стори она што го ветил. Затоа Господ ги укорил обајцата браќа: „Поради тоа што не ми поверувавте и не ја пројавивте мојата светост пред очите на синовите Израелови.“ Во мигот кога снемало вода, дури и нивната вера во исполнувањето на Божјето ветување била поколебана со незадоволството и бунтот на народот. Токму поради неверството првото поколение било осу- 418
дено да изумре во пустината, а сепак меѓу нивните деца се појавил истиот дух. Зар и над нив да не се исполни ветувањето? Уморни и обесхрабрени, Мојсеј и Арон не се потрудиле да го запрат поројот на народните чувства. Кога самите би покажале непоколеблива вера во Бога, проблемот би можеле да му го прикажат на народот во сосема поинаква светлина. Со примена на својот авторитет, со кој располагале како судии, би можеле да го запрат негодувањето. Должност им била да сторат сè што е во нивна моќ да ја поправат состојбата на работите пред да побараат од Бога Тој да работи за нив. Колку многу зла би можеле да бидат спречени кога бунтот во Кадес би бил бргу задушен!

Со својата наглост Мојсеј ја ослабел силата на поуката што Бог имал намера да му ја даде на народот. Карпата, како симбол на Христа, требало да биде удрена еднаш, како и Христос што требало да биде жртвуван само еднаш. Вторпат требало само да ѝ проговори на карпата, токму како и ние што треба во Исусово име само да побараме благослов. Со тоа што Мојсеј и вторпат ја

удрил со стапот карпата, загубено е значењето на тој убав симбол кој укажувал на Христа.

Уште повеќе, Мојсеј и Арон себеси си ја припишувале силата што му припаѓала само на Бога. Неопходноста од божествено посредување го правела тој миг особено сериозен и водачите на Израел морале тоа да го искористат да му влеат на народот страхопочит кон Бога и да ја засилат неговата вера во неговата моќ и добрина. Извикнувајќи во гнев: „Можеме ли од оваа карпа да ви извадиме вода?“, се ставиле на местото на Бога, како тие сами да располагале со таа сила, иако имале свои слабости и страсти како и другите луѓе. Изморен од постојаното негодување и од бунитe на народот, Мојсеј го загубил од вид својот семожен Помошник; лишен од божествената сила, ја извалкал историјата на својот живот покажувајќи човечка слабост. Човекот кој до крај на својот живот можел да остане чист, силен и несебичен, најпосле подлегнал. Бог бил обесчестен пред собирот на синовите Израелови, а требало да биде прославен и возвишен.

Во таа пригода Бог не ги казнил оние чиешто безбожно однесување ги предизвикало Мојсеја и Арона. Укор им е упатен на водачите. Него го навредиле оние што стоеле како Божји застапници. Мојсеј и Арон се почувствувале навредени губејќи го од вид фактот дека народот не се бунел против нив, туку против Бога.
419 Гледале само на себе и предвид ги земале само своите чувства. Така несвесно паднале во грев и пропуштиле на народот да му укажат на неговата голема кривица пред Бога.

Казната која е изречена веднаш потоа била горка и исклучително понижувачка: „И им рече Господ на Мојсеја и Арона: ’Поради тоа што не ми поверувавте и не ја појавивте мојата светост пред очите на синовите Израелови, вие нема да го воведете тој народ во земјата што му ја давам јас.’“ И тие морале да умрат заедно со побунетите пред Израел да ја премине реката Јордан. Кога Мојсеј и Арон би имале високо мислење за себе или кога би покажале негодување поради Божјата опомена и укор, тогаш нивниот грев би бил далеку поголем. Меѓутоа, ним не можело да им се припише грев на самоволие; едноставно биле совладани со ненадејно искушение, но веднаш искрено се покајале. Бог го прифатил нивното каење иако не можел да не ги казни поради штетата што нивниот грев можел да му ги нанесе на народот.

Мојсеј оваа осуда не ја притаил од синовите Израелови, туку им рекол дека не може да ги одведе во ветената земја затоа што пропуштил славата да му ја припише на Господа. Тој ги молел да ја забележат тешката казна што го снашла и да просудат како Бог гледа на нивното мрморење и на тоа што на еден човек ја фрлаат

кривицата за злата што сами со своја, далеку поголема кривица, ги навлекле на себе. Им рекол колку се молел на Бога да му прости и да ја повлече казната и како бил одбиен. „Но Господ беше лут на мене заради вас и не ме послуша."

За секоја тешкотија или искушение, Израелците биле готови да го обвинат Мојсеја што ги извел од Египет, како тој, а не Бог, да го презел ова дело. Во текот на сите патувања, секогаш кога би се плачеле поради тешкотиите на кои наидувале попатно и се бунеле против водачот, Мојсеј им велел: „Вашиот викот е насочен против Бога. Не јас, туку Бог го издејствува вашето ослободување." Меѓутоа, неговите остри зборови пред карпата: „Можеме ли од оваа карпа да ви извадиме вода?", оделе во прилог на нивните обвинувања, ги утврдиле во неверството и го оправдувале нивното негодување. Бог сакал тој впечаток засекогаш да им го избрише од сеќавањето, па не му дозволил на Мојсеја да влезе во ветената земја. Така добиле недвосмислен доказ дека нивни водач не бил Мојсеј, туку силниот Ангел за кого Господ рекол: „Еве, јас го праќам пред тебе мојот ангел за да те пази по патот и да те воведе во земјата што сум ти ја приготвил. Пази се и послушај го ... бидејќи моето име е во него" (2. Мојсеева 23,20. 21).

„Па и на мене се налути Господ заради вас", нагласил Мојсеј. 420
Народот го сосредоточувал погледот на Мојсеја и, повикувајќи се на неговиот грев, му забележувал на Бога што го одбрал за водач на својот народ. Престапот му бил познат на целиот народен собир, и кога Бог лесно би преминал преку тоа, би се создал впечаток дека неверувањето и нетрпениетo можат да се оправдаат кај оние кои заземаат одговорни положби доколку бидат предизвикани. Но кога било објавено дека поради тој единствен грев Мојсеј и Арон нема да влезат во Ханан, народот сфатил дека Бог не гледа кој е кој и дека сигурно ќе ги казни престапниците.

Историјата на Израел требало да се забележи како поука и опомена за идните поколенија. Луѓето во сите времиња морале во небесниот Бог да гледаат непристрасен судија кој во никој случај не го оправдува гревот. Малку има такви кои сфаќаат колку гревот е страшен. Луѓето се тешат со тоа дека Бог е премногу добар за да ги казни престапниците. Но од светлината на библиската историја јасно произлегува дека Господа токму неговата добрина и љубов го обврзуваат со гревот да постапува како со кобно зло што го нарушува мирот и среќата на вселената.

Дури ни Мојсеевата праведност и верност не можеле да ја отстранат казната за гревот што го сторил. Бог на народот му проштавал и поголеми престапи, но кон гревовите на водачите не можел да се однесува како со гревот на оние што тие ги воделе. Тој Мојсеја

го ценел повеќе од кој и да е друг човек на земјата. Му ја открил својата слава и преку него на Израел му ги соопштил своите закони. Тоа што Мојсеј уживал толку голема светлина и имал толку големо познавање на вистината уште повеќе ја отежнувало неговата кривица. Верноста од минатото не може да го окае лошото дело. Големата светлина на предимството и одговорностите доверени на човекот уште повеќе ја зголемуваат неговата кривица и казна.

Од човечка гледна точка, Мојсеј не сторил посебно голем грев. Неговиот грев бил обична појава. Псалмистот кажува: „И згреши со својата уста“ (Псалм 106,33). Според човечка оценка, тоа можело да изгледа незначително. Но бидејќи Бог за тој грев толку строго го казнил својот најверен и најценет слуга, сигурно е дека истиот нема да го трпи ниту кај други. На Бога не му се угодни нашите склоности да ги осудуваме нашите браќа ниту да негуваме дух на самоизвишување. Сите што му попуштаат на тоа зло фрлаат сенка на сомневање врз Божјето дело и на оние што се сомневаат им даваат повод да се изговараат за своето неверување. Колку нечија положба е поистакната и влијанието поголемо, толку повеќе е потребно да негува трпение и понизност.

421 Кога Божјите деца, особено оние на одговорни положби, ќе бидат наведени себеси да си ја припишат честа што му припаѓа на Бога, сатаната ликува. Тој задобил победа. Така паднал и тој. И така најуспешно ги искушава и другите и ги води во пропаст. За да нè сочува од неговите стапици, Бог во својата Реч ни дал толку многу примери што укажуваат на опасноста од самоизвишување. Во нашата природа нема ниту една побуда, ниту една особина на духот или наклоност на срцето, кои не би морале секој миг да бидат под Божја контрола. Нема благослов што му го дава Бог на човекот, ниту искушение што Тој го дозволува, а кои сатаната не сака или не може да ги искористи за да ја искушава душата, да ја мачи и да ја уништи само ако му даде и најмалечко предимство. Затоа, колку и да е голема духовната светлина на еден човек, и колку и да ужива тој во божествениот благослов и во милоста, сепак треба да оди понизно пред Бога, барајќи со вера Тој да насочува секоја негова мисла и да господари над секое негово чувство.

Сите што исповедаат побожност, подложни се на света обврска да го сочуваат својот дух и да се вежбаат во самосовладување дури и кога се предизвикани. Товарите ставени врз Мојсеја биле многу големи. Малку има луѓе кои биле или кои ќе бидат толку искушавани како што бил искушаван тој; па сепак, тоа не можело да претставува изговор за неговиот грев. Бог сесрдно се погрижил за своите избрани, а ако тие се потпрат врз неговата сила, никогаш нема да станат играчка на околностите. Ниту најсилното искуше-

ние не може да претставува изговор за гревот. Колку и да е голем притисокот врз душата, сепак престапот е само наше дело. Ниту земјата, ниту гробот ја имаат таа сила некого да го принудат да прави зло. Сатаната нѐ напаѓа таму каде што сме слаби, но ние сепак не мораме да бидеме совладани. Колку и неочекуван и тежок да биде тој напад, Бог се погрижил за помош и со неговата сила можеме да однесеме победа.

38

# ПАТУВАЊЕТО ОКОЛУ ЕДОМ

*Оваа ī лава е заснована на 4. Мојсеева 20,14-29 и 21,1-9*

Логорот на Израелците во Кадес се наоѓал недалеку од границата на Едом, па и Мојсеј и народот сакале низ таа област да го продолжат патот кон ветената земја. И затоа, по Божја заповед, му ја пратиле на едомскиот цар следната порака:

„Вака вели твојот брат Израел: ’Ти ги знаеш сите тешкотии што нè снајдоа; нашите татковци слегоа во Египет, и ние живеевме во Египет долго време, и Египќаните лошо постапуваа со нас и со нашите татковци; и повикавме кон Господа, и Тој го чу нашиот глас, па прати ангел и нè изведе од Египет; и ете, ние сме сега во Кадес, град до самиот твој предел. Дозволи ни да минеме низ твојата земја; нема да одиме низ села, ниту низ лозја, и нема да пиеме вода од твоите потоци, туку ќе одиме по царскиот пат, и нема да скршнуваме ни десно ни лево, додека не ги минеме твоите предели.“

Како одговор на оваа учтива молба дошло заканување: „Не минувај низ мојата земја, зашто ќе излезам со војска против тебе.“

Изненадени со оваа одбивност, водачите му упатиле уште една молба на царот со ветување: „Ќе одиме покрај горуата, и ако се напиеме од твојата вода, ние и нашиот добиток, ќе платиме за неа; но нема да има никаква штета, зашто покрај гората ќе минеме.“

„Нема да поминете“ - гласел одговорот. Вооружени чети на Едомците веќе биле поставени во клисурите, така што во тој правец не било можно мирно и непречено да се помине, а на Евреите им било забрането да употребат сила. Затоа морале да одат по заобиколен пат, околу Едом.

Кога народот би имал доверба во Бога, Војводата на Господовите војски би ги спровел низ Едом и жителите на таа земја толку
423 многу би се уплашиле, што, наместо непријателство, би покажале наклоност. Но Израелците не постапиле веднаш според Божјето упатство и, додека се жалеле и протестирале, поминала златната прилика. Најпосле, кога се согласиле да му упатат на царот молба,

таа била одбиена. Откако излегле од Египет, сатаната постојано настојувал нивниот пат да го опсипе со пречки и со искушенија за да не го наследат Ханан. А со своето неверство тие толку пати му овозможиле да ги осуети Божјите намери.

Важно е да му се верува на Божјиот збор и веднаш да се постапува според него, а неговите ангели чекаат да ни помогнат. Лошите ангели се подготвени да ни оневозможат секој чекор напред. А кога Бог во своето провидение ќе им наложи на своите деца да тргнат напред, кога има намера за нив да стори нешто големо, сатаната ги искушава со цел тие со својата нерешителност и колебливост да навлечат на себе Божје негодување; тој се труди да предизвика караници и да разбуди незадоволство и неверство и со тоа да ги лиши од благословите со кои Бог сака да ги опсипе. Божјите слуги мора секогаш да бидат подготвени да тргнат напред штом неговото провидение ќе го отвори патот. Секое колебање на сатаната му дава време да предизвика кај нив пораз.

Во своите упатства дадени на Мојсеја во врска со нивното поминување низ Едом, објаснувајќи дека Едомците ќе се плашат од Израелците, Господ му забранил на својот народ тоа да го искористи против нив. Евреите не смееле да ги ограбат Едомците користејќи ја Божјата сила што се открила во нивна полза, поради што стравот Едомците би ги сторил лесен плен. Им било наредено: „Но вие не започнувајте со нив војна. Јас нема да ви дадам од нивната земја ниту една стапка, зашто планината Сир им ја дадов во наследство на синовите Исавови" (5. Мојсеева 2,4.5). Едомците биле потомци на Аврама и Исака и за љубов на тие свои слуги, Бог им укажал милост на децата на Исава. Им ја дал горара Сир, и никој не смеел да ги вознемирува сè додека тие сами поради своите гревови не останат надвор од досегот на неговата милост.

Евреите требало да ги истребат жителите на Ханан кои ја наполниле чашата на беззаконието и да ја преземат нивната земја; но Едомците сè уште уживале милост, па спрема нив морало да се постапува милосрдно. На Бога му е „мила милоста" и Тој покажува 424
сожалување пред да казни. Тој им советувал на Израелците да го поштедат народот во Едом пред од нив да побара да ги истребат жителите на Ханан.

Предците на Израелците и Едомците биле браќа, па и меѓу нив требало да владее братска љубов и пријателство. На Израелците им било забрането на Едомците да им се одмаздуваат за навредата што им била нанесена кога им забраниле да поминат низ нивната земја. Не смееле да се надеваат дека ќе им биде даден макар и еден дел од едомската земја. И токму затоа што Израелците биле Божји одбран и благословен народ, морале да ги почитуваат сите ограничувања

што им ги наметнал Тој. Бог им ветил сјајно наследство. Меѓутоа, не смееле да се занесуваат со мислата дека на цела земја само тие ги имаат сите права и дека другите можат да ги уништуваат. Им било наредено во однесувањето со Едомците строго да внимаваат за да не им сторат некаква неправда. Можеле со нив да тргуваат и да купуваат неопходни животни намирници, но веднаш да платат сè што ќе добијат. За да се поттикне нивната доверба во Бога и нивната послушност кон неговата реч, им било напоменато: „Твојот Господ Бог те благослови во сè ... ништо не ти недостигна." Тие не зависеле од Едомците, зашто го имале Бога кој е неисцрпен извор на секоја помош. Ниту со сила ниту со лукавство не смееле да се доберат до ништо што не им припаѓало, туку во целокупното свое однесување морале да го применуваат начелото на Божјиот закон: „Љуби го својот ближен како самиот себе."

Кога на таков начин би поминале низ Едом, кога би постапувале во сообразност со Божјата намера, нивниот премин би им послужил на благослов не само ним туку и на жителите на таа земја, зашто би им дал можност да дојдат во допир со Божјиот народ, да се запознаат со нивното богослужение и да се осведочат колку Бог го помага напредувањето на оние што го љубат и што го страхопочитуваат. Но сето тоа било спречено поради неверството на Израел. Тие викале на Бога и Бог им дал вода, но и дозволил за нивното неверство да настапи казна. Повторно морале да поминуваат низ пустина каде што ја гаснеле својата жед на чудесниот извор, а кој не би им бил веќе потребен само да имале доверба во него.

Така израелските чети повторно се упатиле кон југ и поминале низ пустина која сега им изгледала уште потажна бидејќи пред тоа ги виделе зелените предели меѓу ритчињата и долините на едомската земја. Над планинскиот венец, кој ја надвиснувал пустината, се издигнувала горатa Ор, на чијшто врв Арон требало да умре и да биде закопан. Кога Израелците стигнале на таа гора,
425 Бог му наложил на Мојсеја: „Земи го својот брат Арон и неговиот син Елеазар, и искачи ги на планината Ор. И соблечи ја од Арона неговата облека и облечи го со неа неговиот син Елеазар, и нека замине Арон и нека умре таму."

Обајцата старци, заедно соАроновиот син, со мака се искачувале на горатa. И Мојсеј и Арон биле седи старци од околу сто и дваесет години. Нивниот долг и плодоносен живот бил обележан со најтешки и најголеми докази на почит која кога и да е му е укажана на еден човек. Биле луѓе со најголеми природни способности, а сите нивни сили биле усовршени, возвишени и облагородени со одржување на тесна заедница со вечниот Бог. Целиот свој живот го поминале во несебична работа за Бога и за своите ближни; на

лицето можело да им се прочита голема интелектуална сила, цврстина и благородност на намерите и силни чувства на љубов.

Многу години Мојсеј и Арон стоеле рамо до рамо во своите напори и грижи. Заедно се изложувале на безброј опасности и заедно ги уживале видните Божји благослови; а сега настапил миг да се разделат. Оделе мошне полека, зашто секој миг од преостанатиот заеднички живот бил драгоцен. Искачувањето по стрмната гора напредувало мачно, и бидејќи често морале да застануваат за да се одморат, зборувале за минатото и за иднината. Пред нив, сѐ додека можел да допре погледот, лежела пустината низ која толку долго талкале. Долу во рамнината биле улогорени израелските чети на кои овие одбрани луѓе им го посветиле најдобриот дел од својот живот, за чијашто благосостојба најдлабоко се интересирале и поднеле толку жртви. Некаде од другата страна на едомските планини се наоѓал патот што водел во ветената земја - земја чиишто благослови нема да ги вкуси ниту Мојсеј ниту Арон. Во срцата на тие луѓе немало ниту трага од чувство на незадоволство; нивната уста не покажувала никакво негодување. Но на лицето сепак им се забележувала сериозна тага кога би си спомнале за тоа што ги исклучило од наследството на нивните татковци.

Арон го завршил своето дело за Израел. Четириесет години пред тоа, кога имал осумдесет и три години, Бог го повикал да му се придружи на Мојсеја во неговата голема и важна задача. Тој му помагал на својот брат да ги изведе синовите Израелови од Египет. Тој му ги држел рацете на големиот водач додека Евреите војувале со Амалиците. Му било дозволено да се качи на Синајската гора, да му се приближи на Бога и да ја види божествената слава. Господ 426
на Ароновото семејство му ја доверил свештеничката служба и го почестил со тоа што му доделил свето звање на првосвештеник. Го поддржал во неговата света должност при излевањето на страшната казна кога се уништени Кореј и неговата дружина. Токму со Ароново посредување поморот тогаш престанал. Кога неговите два сина биле убиени затоа што ја прекршиле изричната Божја заповед, тој не се побунил па дури и не негодувал. А сепак историјата на неговиот благороден живот била извалкана. Арон направил голем грев кога на Синај попуштил пред барањето на народот и направил златно теле; вторпат пак згрешил кога се здружил со Марија во зависта и мрморењето против Мојсеја. А со Мојсеја во Кадес го навредил Господа кога не ја послушал заповедта да ѝ проговори на карпата од која требало да потече вода.

Бог сакал тие големи водачи на неговиот народ да бидат претставници на Христа. Арон ги носел имињата на израелските племиња на своите гради. Тој на народот му ја соопштувал Божјата

волја. На денот на помирувањето стапувал во светињата над светињите како посредник за сите Израелци, „со крв“. Завршувајќи го своето дело, тој излегувал да го благослови народот исто онака како што Христос, кога ќе ја заврши својата посредничка мисија, ќе дојде да го благослови својот народ кој го очекува. Токму поради возвишениот карактер на светата служба што ја вршел во својство на застапник на нашиот голем Првосвештеник, гревот на Арона во Кадес е сметан за толку голем.

Со длабока болка Мојсеј ја соблекол од Арона светата облека и му ја облекол на Елеазара кој, со божествено именување, станал негов наследник. Поради својот грев во Кадес, Арон бил лишен од предимството да ја продолжи својата првосвештеничка служба во Ханан - во ветената земја да ја принесе првата жртва и со тоа да го посвети наследството на Израел. Мојсеј како водач на народот требало да продолжи да го носи товарот сè до границата на Ханан. Ќе му биде дозволено само од далеку да ја види ветената земја, но не и да стапи во неа. Колку поинаква би била иднината на Божјите слуги кога, стоејќи пред карпата во Кадес, без мрморење би го поднеле искушението што наишло на нив! Лошото дело никогаш не може наполно да се исправи. Се случува цел живот да не може да се надомести она што е загубено во еден единствен миг на искушение или непромисленост.

Отсуството на големите водачи од логорот и фактот што ги придружувал Елеазар кој, како што било добро познато требало
427 да го наследи Арона во светата служба, предизвикувале страв, па нестрпливо очекувале тие да се вратат. Гледајќи околу себе во големиот народен собир, луѓето забележувале дека речиси сите возрасни што излегле од Египет изумреле во пустината. Сите ги опфатило лошо претчувство при помислата на казната изречена над Мосјеја и Арона. Поединци ја насетувале целта на таинственото заминување на врвот на гората Ор; освен тоа, грижата им ја зголемувале и нивните горки сеќавања и нивната самоосуда.

Најпосле ги забележале Мојсеја и Елеазара како полека се спуштаат низ гората, но Арон не бил со нив. Елеазар ја носел првосвештеничката облека како знак дека го наследил татка си во светата служба. Кога целиот народ со тешко срце се собрал околу својот водач, Мојсеј им соопштил дека Арон умрел на гората Ор и дека таму го закопале. Сите заплакале, тажејќи и липајќи, зашто го сакале Арона иако често му задавале болка. „И кога виде сиот собир дека Арон умре, целиот Израелов дом плачеше за Арона триесет дена.“

За закопот на израелскиот првосвештеник Светото писмо едноставно бележи: „Таму умре Арон и таму беше закопан“ (5.

Мојсеева 10,6). Колку голема разлика меѓу тој закоп што бил извршен по изрична Божја заповед и денешните обичаи. Денеска закопот на некој истакнат човек често е повод за уочливо и претерано растурање. Кога Арон умирал, иако бил еден од највидните луѓе кои кога и да е живееле, покрај него се нашле само неговите двајца најблиски пријатели кои биле сведоци на неговата смрт и кои го извршиле закопот. И тој осамен гроб на гората Ор засекогаш останал скриен од погледот на Израелците. Не му се укажува на Бога чест со тоа што се приредуваат големи свечености и што се прават претерани трошоци околу враќањето на телата на умрените во прав.

Сиот народ жалел за Арона, но загубата никој не можел да ја почувствува толку болно како Мојсеј. Смртта на Арона живо го потсетила Мојсеја дека и нему му се приближува крајот; колку уште и да бил кус неговиот престој на земјата, тој длабоко ја почувствувал загубата на својот постојан придружник - единствениот човек кој во текот на толку години го делел со него и доброто и злото, надежите и стравувањата. Од сега Мојсеј морал да продолжи сам. Меѓутоа, знаел дека Бог му е пријател, па уште повеќе се потпрел на него. Набргу по напуштањето на гората Ор, Израелците претрпеле пораз во битката со еден од хананските цареви, по име Арад. 428
Но кога сериозно го побарале Бога, Тој им укажал помош, па ги победиле своите непријатели. Таа победа, наместо да ги исполни со благодарност и да ги наведе да почувствуваат колку многу зависат од Бога, кај нив разбудила чувства на гордост и самоувереност. Не поминало многу време и тие, според својот стар обичај, пак почнале да се бунат. Им било криво што израелската војска пред четириесет години, по бунтот поради лошите извидници, не влегла веднаш во Ханан. На својот долг престој во пустината гледале како на непотребно одложување, сметајќи дека и во тоа време можеле исто толку лесно да ги победат сите непријатели како и сега.

Патувајќи натаму кон југ, наишле на жешка и песочна долина во која не можеле да најдат никакво растение ниту сенка. Патот им се чинел долг и тежок, а ги мачел умор и жед. И пак не успеале да му одолеат на искушението пред кое биле исправени верата и трпението. Сè повеќе се одделувале од Бога затоа што постојано гледале само на мрачната страна на своите искуства. Го загубиле од вид фактот дека би биле поштедени од обиколувањето околу Едом кога кај Кадес, каде што водата престанала да им тече од камен, не би се бунеле. Срцата требало да им бидат исполнети со благодарност кон Оној кој толку благо ги казнувал. Наместо тоа, вообразувале дека веќе би биле во ветената земја кога Бог и Мојсеј не би се вмешале. Иако самите си создале тешкотии и

својата судбина ја отежнале повеќе отколку што Бог замислувал, го обвинувале Бога за сета своја несреќа. Главите до таа мера им биле полни со горчливи мисли во врска со Божјето постапување со нив, што најпосле станале незадоволни со сè и сешто. Им се чинело дека Египет е подобар и поугоден од слободата и од земјата во која ги водел Бог.

Бидејќи му дале место на незадоволството, Израелците биле склони да им изнаоѓаат мани дури и на благословите што ги уживале: „И народот почна да се буни против Бога и против Мојсеја: Зошто нè изведе од Египет да умреме во пустинава? Тука нема ни леб ни вода, а таа никаква храна веќе ѝ се огади на нашата душа."

Мојсеј на Израелците верно им го изнел нивниот голем грев. Единствено Божјата сила ги сочувала „во таа голема и страшна
429 пустина каде што има змии што касаат, скорпии и суви места во кои нема вода" (5. Мојсеева 8,15). Секој ден во текот на патувањето биле сочувани со некакво чудо на Божјата милост. На целиот пат, по кој ги водел Бог, наоѓале вода со која ја гаснеле жедта, небесен леб да го уталожат гладот, и мир и безбедност во сенката на облакот дење и во огнениот столб ноќе. Ангелите им помагале кога се искачувале по стрмните падини или кога оделе пеш по мачните патеки низ пустината. Наспроти тешкотиите што ги поднесувале, во нивните редови немало ниту папсани ниту истоштени. На толку долгото патување на ниеден од нив дури ни ногата не му натекла, ниту облеката им изветвила. Бог сторил шумските грабливи ѕверови и отровните лазачи во пустината да им се потчинуваат. И покрај сите тие знаци на неговата љубов, бидејќи народот сепак и понатаму постојано се плачел, Бог решил да ги лиши од својата заштита додека не научат да ја ценат неговата милосрдна наклоност и додека повторно не му се обратат во покајание и понизност.

Бидејќи живееле под закрила на Божјата сила, тие и не ги забележувале безбројните опасности што постојано ги опкружувале. Во својата неблагодарност и неверство постојано ја споменувале смртта, и сега Господ дозволил смртта да дојде. Змиите отровници, што претставувале вистинска напаст за пустината, се нарекувани огнени змии поради страшното дејство на нивниот отров кој веднаш предизвикувал воспаление и брза смрт. Бидејќи врз Израелците не почивала веќе Божјата заштитничка рака, мнозина од народот биле нападнати од овие отровни созданија.

Во целиот логор завладеал страв и метеж. Речиси во секој шатор се нашол по некој мртовец или болен на претсмртна постела. Никој не се чувствувал сигурен. Често ноќната тишина ја нарушувал продорен крик, најавувајќи нови жртви. Сите се труделе да се најдат околу болниот или да си ги заштитат оние кои уште не биле

погодени. Сега од нивната уста не се слушнала никаква поплака. Во споредба со моментните страдања, поранешните тешкотии и искушенија не биле ниту вредни да се споменат.

Најпосле народот се понизил пред Бога. Дошле пред Мојсеја признавајќи и со молби. „Згрешивме кога се побунивме против Господа и против тебе.“ А само малку пред тоа го обвинувале како најцрн непријател и го прикажувале како предизвикувач на сите свои маки и неволји. Меѓутоа, дури и во мигот кога тие зборови им излегувале од усните, знаеле дека обвинувањето им било лажно; 430
и штом ги снашла казна, побрзале кај него како кај единствен човек кој можел за нив да се заземе пред Бога. „Моли се на Бога да ги отстрани змиите од нас“, гласела молбата.

Бог му наредил на Мојсеја да направи змија од бронза која ќе личи на жива змија и да ја подигне на мотка високо среде народот. Секого што би го каснала змија, требало само да погледне во оваа змија од бронза и веднаш да оздрави. Тој тоа го сторил и низ логорот набргу се пронела радосна вест дека сите што биле каснати од овие отровници ќе останат живи само ако погледнат во змијата од бронза. Мнозина веќе изумреле, и кога Мојсеј ја подигнал змијата на мотка, некои не верувале дека само еден поглед на металната фигура ќе може да ги исцели. Тие изумреле поради своето неверство. Меѓутоа, мнозина верувале во моќта на од Бога даденото средство. Татковците, мајките, браќата и сестрите со страв и копнеж настојувале малаксаниот поглед на своите роднини, често и на оние на претсмртна постела, да го насочат кон подигнатата змија. Иако целосно исцрпени и на претсмртна постела, требало само еднаш да погледнат па веднаш потполно да оздрават.

Народот добро знаел дека силата што може да предизвика таква промена не се наоѓа во змијата од бронза. Моќта на исцелување можела да дојде само од Бога. Тој во својата мудрост одбрал токму таков начин за да ја покаже својата сила. Благодарение на тоа едноставно средство, народот бил наведен да сфати дека токму со својот сопствен грев упаднал во тоа зло. Истовремено добиле ветување дека нема причина да се плашат сѐ додека му се послушни на Бога, зашто Тој ќе ги сочува.

Подигањето на бронзовата змија на Израелците требало да им даде важна поука. Тие не можеле сами да се спасат од смртоносното дејство на отровот во нивните рани. Само Бог можел да ги исцели; а од нив се барало да покажат доверба во неговиот начин на лекување. Морале да погледнат за да живеат. На Бога можеле да му угодат само со вера, а со тоа што погледнале во змијата ја докажувале својата вера. Тие знаеле дека во самата змија нема никаква сила, туку дека тоа е симбол на Христа; на тој начин им е

укажано на неопходноста од верување во неговите заслуги. Пред тоа мнозина, принесувајќи му жртви на Бога, мислеле дека со тоа наполно се ослободиле од своите гревови. Тие не се потпреле врз идниот Спасител кого тие жртви само симболично го претставувале. Сега Бог сакал да им покаже дека нивните жртви, сами по себе, немаат поголема моќ од бронзовата змија, но се средство, токму како и змијата, нивните мисли да ги упатат кон Христа како најголема жртва за гревовите.

431 „Како Мојсеј што подигна змија во пустината, така треба да се подигне Синот човечки, за секој што верува во него да не загине, но да има живот вечен“ (Јован 3,14.15). Сите кои, кога и да е живееле на земјата, го почувствувале смртоносното каснување на „старата змија, која се вика ѓавол и сатана“ (Откровение 12,9). Кобните последици на гревот можат да бидат отстранети само со помош на средството за кое се погрижил Бог. Израелците го спасувале својот живот со тоа што би погледнале во подигнатата змија. Меѓутоа, тој поглед во себе содржел и вера. Останувале живи затоа што верувале во Божјиот збор и во средството предвидено за нивно исцелување. Така и грешникот може да гледа во Христа и да живее. Со вера во жртвата на помирување тој добива проштавање. За разлика од безживотниот симбол, Христос има во себе и сила и моќ да му помогне на грешникот кој се кае.

Иако грешникот не може да се спаси со своја сила, тој сепак мора нешто да преземе за да си обезбеди спасение. Христос вели: „Оној што доаѓа при мене нема да го истерам надвор“ (Јован 6,37). Значи, ние мораме да дојдеме кај него; и ако се каеме за нашите гревови, мораме да веруваме дека Тој ќе нè прими и ќе ни прости. Верата е дар од Бога, но од нас зависи дали ќе ја оживотвориме. Верата е рака со која душата ја прифаќа милоста - понудениот Божји дар.

Единствено Христовата правда може да ни даде право на благословите на заветот на милоста. Мнозина се стремеле и долго настојувале да ги добијат овие благослови, но никогаш не ги примиле затоа што мислеле дека можат сами нешто да сторат за да ги заслужат. Ние не смееме да веруваме дека можат да нè спасат нашите сопствени заслуги. Христос е единствена надеж на нашето спасение. „Зашто под небото нема друго име дадено на луѓето со кое би можеле да се спасиме“ (Дела 4,12).

Ако целосно му се довериме на Бога и ако ги прифатиме заслугите на Спасителот Исус кој ги проштава гревовите, тогаш сигурно ќе ја примиме помошта што ја сакаме. Никој нека не се гледа себеси како суштество кое има моќ самото себеси да се избави. Исус умрел за нас бидејќи ние сами не сме биле во состојба да го сториме тоа. Во него лежи нашата надеж, нашето оправдување и

нашата правда. Кога ќе ја согледаме нашата грешност, не треба да очајуваме ниту да се плашиме како да немаме Спасител или како Тој да нема милост кон нас. Токму во тие мигови Тој нè повикува да дојдеме кај него со нашата беспомошност и Тој ќе нè избави.

Многу Израелци не сакале да си помогнат со лекот што го 432
одредило Небото. Насекаде околу нив лежеле мртви и мноштво на претсмртна постела и биле свесни дека без Божја помош и самите сигурно ќе пропаднат; па сепак, и понатаму се јадосувале поради своите рани и болки и поради сигурната смрт сè додека не им исчезнала силата и не им се укочиле очите, а можеле за миг да се исцелат. Ако сме свесни за нашите потреби, не би требало да ја трошиме силата во јадосување. Ако ја увидуваме беспомошноста на нашата положба без Христа, не смееме да паднеме во малодушност, туку мораме да се потпреме врз заслугите на распнатиот и воскреснат Спасител. Погледни и живеј! Исус ни дал свој збор; Тој ќе ги спаси сите што доаѓаат кај него. Иако милиони, на кои им е потребно исцелување, ќе ја отфрлат неговата понудена милост, ниеден што ќе ги прифати неговите заслуги нема да пропадне.

Мнозина не се подготвени да го примат Христа сè додека потполно не им се објасни тајната на планот на спасението. Одбиваат да погледнат со вера иако увидуваат дека илјадници веќе погледнале и ја почувствувале делотворноста од насочениот поглед кон Христовиот крст. Мнозина талкаат низ лавиринтите на филозофијата во потрага по докази и причини што никогаш нема да ги најдат, а ги отфрлаат доказите што Бог милосливо им ги дал. Одбиваат да одат во светлината на Сонцето на правдата сè додека не им се објасни причината зошто сонцето свети. Сите кои упорно го задржуваат тој став, никогаш нема да ја запознаат вистината. Бог никогаш нема да ги отстрани сите причини за сомневање. Тој дава доволно докази како основа да се верува, а ако тие не се прифатат, духот останува во темнина. Оние што биле каснати од змија отровница можеле да се колебаат и да се премислуваат дали да погледнат во бронзовата змија или не, но во тој случај би пропаднале пред да се решат да послушаат. Наша должност е прво да погледнеме, а тогаш погледот со вера ќе ни даде живот.

39

# ОСВОЈУВАЊЕТО НА ВАСАН

*Оваа глава е заснована на 5. Мојсеева 2 глава и 3,1-11*

Откако пристигнале во областа јужно од Едом, Израелците се упатиле кон север и повторно свртиле кон ветената земја. Патот ги водел низ пространа висорамнина, освежувана од ветерче од соседните ритчиња. Тоа била пријатна промена по жешкото сонце во долината, па весело побрзале напред, полни со надеж. Поминувајќи го потокот Заред, пошле источно од моавската земја, зашто им било заповедано: „Не се карајте со Моавците ниту почнувајте со нив војна, зашто нема да ви ја дадам нивната земја во наследство, бидејќи им дадов на Лотовите синови да го наследат Ароир“ (5. Мојсеева 2,9). Истото упатство е повторено и во врска со Амонците кои исто така биле Лотови потомци.

Одејќи понатаму кон север, израелските чети набргу наишле на земјата на Аморејците. Тој силен и воинствен народ првобитно го заземал јужниот дел на хананската земја, но бидејќи се намножиле, ја преминале реката Јордан, завојувале со Моавците и освоиле дел од нивната територија. Тука се населиле и наполно загосподариле со целата област од Арнон до Јавок. Патот по кој Израелците сакале да избијат на реката Јордан водел токму низ таа област, па Мојсеј му пратил пријателска порака на аморејскиот цар Сион: „Дозволи ми да минам низ твојата земја; ќе одам по пат, нема да скршнувам ни десно ни лево; храна продавај ми за пари и јас ќе јадам, и вода продавај ми за пари и јас ќе пијам; само пеш да минам“ (5. Мојсеева 2,27.28). Одговорот бил решително одбиен; а сите аморејски чети биле повикани да му се противстават на навлегувањето на странците. Израелците многу се исплашиле од таа силна војска, бидејќи биле неподготвени за судир со добро вооружени и извежбани сили. Во врска со воената вештина, нив-
434 ните непријатели уживале предимство. И, според сите човечки проценки, Израелците бргу морале да го дочекаат својот крај.

Но Мојсеј постојано го насочувал погледот кон столбот од облак и постојано го храбрел народот велејќи дека знакот на Божјето присуство е сè уште со нив. Истовремено им советувал да сторат сè што е во човечката моќ да се приготват за војна. Нивните непријатели желно го очекувале почетокот на битката, убедени дека неприготвените Израелци ќе ги збришат од лицето на земјата. Меѓутоа, Оној кој е Господар над сета земја, му наредил на водачот на Израел: „Станете и тргнете, и минете го потокот Арнон. Ете, ти го предавам во рака есевонскиот цар, Сиона Амореецот, и неговата земја. Почни да ја наследуваш и војувај против него. Од денес јас ќе почнам да сеам страв и ужас пред тебе меѓу народите под целото небо. Оние што ќе чујат за тебе ќе се смутат и ќе се разболат од твоето лице.“

Овие народи на границата на Ханан би биле поштедени кога, пркосејќи му на Божјиот збор, не би им се противставиле на Израелците да поминат. Дури и кон тие незнабожечки народи Господ се покажал како Оној кој „долго трпи и кој има голема милост“. Кога на Аврама во видение му било покажано дека неговото семе, синовите Израелови, четиристотини години ќе престојуваат во туѓа земја, Бог ветил: „Тие, пак, во четвртото колено ќе се вратат ваму, зашто мерката на аморејските беззаконија уште не превршила“ (1. Мојсеева 15,16). Иако Аморејците биле идолопоклоници и поради своето големо беззаконие заслужиле праведна казна, Бог сепак ги штедел четиристотини години за да им даде несомнени докази за тоа дека Тој е единствен вистински Бог, Творец на небото и земјата. Сите негови чуда што ги сторил изведувајќи ги Израелците од Египет, ним им биле познати. Имале доволно докази и можеле да ја запознаат вистината само кога би сакале да се одвратат од своето идолопоклонство. Но тие ја отфрлиле светлината и им се предале на своите идоли.

Кога Господ по вторпат го довел својот народ до границите на
Ханан, на тие незнабожечки народи им се дадени нови докази за
неговата моќ. Дека Бог бил со Израелците се видело уште по тоа
што го победиле царот Арад и Хананците, како и врз основа на
чудото сторено со цел да ги спаси оние што умирале од нападот на
змиите отровници. Иако на Израелците им бил оневозможен пре-
мин низ едомската земја па биле присилени да кренат по подолг и
помачен пат покрај Црвеното Море, сепак, тие во својот премин и
задржување покрај границите на Едом, Моав и Амон не пројавувале 435
дух на непријателство, на луѓето не им нанесувале никаква штета
ниту пак им правеле некакво зло. Кога стигнале до аморејските
граници, замолиле да им дозволат само да преминат низ нивната
земја, ветувајќи дека ќе ги почитуваат истите оние правила кон

кои се придржувале во својот контакт со другите народи покрај чиишто граници поминувале. Меѓутоа, кога царот на Аморејците ја одбил оваа учтива молба и пркосно собрал војска за борба, чашата на нивното беззаконие се преполнила и Господ ја употребил својата сила да ги уништи.

Израелците ја преминале реката Арнон и напредувале кон непријателот. Настанал вооружен судир од кој Израелците излегле како победници. Користејќи го тоа предимство, тие набргу ја запоседнале целата аморејска земја. Непријателите на Господовиот народ всушност ги победувал Војводата на Господовата војска; Тој тоа можел да го стори пред триесет и осум години само кога Израел би имал доверба во него.

Војската на Израелците се упатила понатаму, полна со надеж и храброст. Одејќи постојано кон север, наишле на една земја која претставувала вистинска проверка за нивната храброст и доверба во Бога. Пред нив се простирало моќното и густо населено царство Васан, полно со големи утврдени градови кои и денеска предизвикуваат восхит кај светот: „Шеесет градови ... утврдени со високи ѕидови, порти и довратници, освен други многубројни места без ѕидови“ (5. Мојсеева 3,4.5). Куќите им биле изградени од толку големи црни камења, што никаква сила во тоа време не можела да ги освои. Тоа била земја полна со диви пештери, со стрмни падини, со страшни провалии и карпести упоришта. Жителите на таа земја биле потомци на едно џиновско племе, а и самите биле необично високи и силни. Освен тоа, тие биле толку сурови и насилни, што претставувале страв и трепет за сите околни народи. Нивниот цар, Ог, се истакнувал по телеснатаградба и храброст дури и во еден таков народ со џиновски раст.

Но столбот од облак одел напред и еврејските чети, предводени од него, стигнале до Едраин, каде што царот на џиновите со својата војска го очекувал нивното доаѓање. Ог мошне вешто одбрал место за борба. Градот Едраин лежел на работ на една висорамнина која стрмо се спуштала во долина и била покриена
436 со шилести вулкански карпи. До неа можело да се дојде само по мошне стрмни и заморни пешачки патеки. Во случај на пораз, неговата војска можела да се засолни во карпеста пустина каде што странците не би можеле понатаму да ги прогонуваат.

Сигурен во победа, царот излегол на отворената рамнина со огромна војска; озгора, од висорамнината, каде што се виделе илјадници воени копја, се слушнале предизвикувачки повици на луѓе желни за борба. Срцата на многу Израелци затрепериле од страв кога ја виделе високата става на тој горостас над џиновите, многу повисок од другите негови борци, војската што го опкружувала

и навидум непреземливата тврдина зад која биле утврдени илјадници луѓе. Но Мојсеј бил спокоен и непоколеблив. Господ рекол за васанскиот цар: „Не бој се од него, зашто јас ќе ти го предадам во раце него, целиот негов народ и целата негова земја, и ти со него ќе сториш така како што стори со аморејскиот цар Сион кој живееше во Есевон.“

Непоколебливата вера на нивниот водач го вдахнувала целиот народ со доверба во Бога. Сите се потпреле врз неговата семожна рака и таа не ги напуштала. Пред Војводата на Господовата војска не можеле да се одржат ниту силните џинови, ниту со бедеми опашаните градови, ниту вооружената војска, ниту планинските тврдини. Господ ја водел својата војска и Господ го разбивал непријателот; Господ победувал во полза на Израел. Горостасниот цар бил уништен заедно со својата војска, а Израелците ја зазеле целата негова земја. Така Господ го истребил од земјата тој чуден народ кој се предал на безбоштво и на гнасотиите на идолопоклонството.

При освојувањето на Галад и Васан, многу Израелци си спомнале за настаните од пред четириесет години што се одиграле во Кадес и поради кои Израелците биле осудени на долго талкање низ пустината. Сега увидувале дека извештајот на извидниците за ветената земја во голема мера бил точен. Градовите биле опашани со многу високи ѕидови, а ги чувале џинови спрема кои Евреите изгледале како вистински џуџиња. Сега можеле да се уверат дека кобната грешка на нивните татковци се состоела во тоа што немале доверба во Божјата сила. Само тоа ги спречило веднаш да влезат во ветената земја.

Во тоа време, кога првпат сакале да влезат во Ханан, целиот потфат било многу полесно да се изведе отколку сега. Господ му ветил на својот народ дека ќе оди пред него и ќе се бори наместо него само ако народот го слуша неговиот глас. Тој дури сакал да прати стршлени да ги истераат жителите на таа земја. Тие народи 437
тогаш уште не биле сосема опфатени од страв, па мошне малку правеле за да го спречат израелското напредување. Но овојпат, кога Бог им наредил на Израелците да тргнат напред, тие морале да се судрат со претпазлив и силен непријател и да се борат со бројно и добро обучена војска која добро се приготвила за да го осуети нивното напредување.

Во судирот со Ог и со Сион, народот бил изложен на истите искушенија во кои толку очигледно подлегнале нивните татковци. Но овојпат искушението било многу посериозно одошто тогаш кога Бог му наредил на Израел да оди напред. Тешкотиите на нивниот пат станувале сè помногубројни откако одбиле да тргнат напред тогаш кога им било наредено да го сторат тоа во Господово

име. Така Бог сè уште ги проверувал своите одбраници. Ако не му преодолеат на искушението, Тој повторно ги доведува во истата положба, само што вторпат искушението е многу посилно и пожестоко од претходното. И така тоа продолжува сè додека не ја издржат проверката или додека Бог, доколку останат упорни, не ги лиши од светлината и ги остави во темнина.

Во таа пригода Евреите си спомнале како нивната војска, кога еднаш тргнала во бој, била поразена и илјадници загинале. Но тогаш постапиле сосема спротивно на Божјата наредба. Оделе без Мојсеја, од Бога одредениот водач, без столбот од облак, знакот на Божјето присуство, и без ковчегот на заветот. А сега Мојсеј бил меѓу нив и им ги засилувал срцата со зборови на вера и надеж. Обвиен во столб од облак, пред нив одел Божјиот Син, а светиот ковчег ја придружувал војската. Тоа искуство содржи поука и за нас. Силниот Израелов Бог е и наш Бог. Во него можеме да имаме доверба и ако ги држиме неговите заповеди, Тој ќе работи за нас исто толку очигледно како и некогаш што работел за својот народ. Секој што настојува да оди по патеката на должноста, понекогаш ќе се соочува со сомневање и неверување. Повремено на патот ќе се појават навидум непремостиви пречки така што срцето на оние што ќе паднат во малодушност ќе се обесхрабри, но ним Бог им порачува: Само напред! Вршете ја својата должност по секоја цена. Тешкотиите што изгледаат толку страшни и ја исполуваат вашата душа со страв, ќе исчезнат штом ќе тргнете напред по патеката на послушноста, понизно надевајќи се во Бога.

40

# ВАЛАМ

*Оваа глава е заснована на 4. Мојсеева 22 - 24 глава*

По освојувањето на Васан, Израелците се вратиле на Јордан и се улогориле на брегот на реката над нејзиното устие во Мртвото Море, спроти ерихонската рамнина, приготвувајќи се за претстојното освојување на Ханан. Се наоѓале мошне близу до границата на Моав чиишто жители нивното присуство ги исполнувало со страв.

Израел не ги вознемирувал Моавците, но овие сепак имале лоши претчувства, следејќи сè што се случува во околните земји. Аморејците, пред кои тие порано морале да се повлечат, сега биле победени од Евреите, а подрачјето кое Аморејците го оттргнале од Моавците, сега се наоѓало во рацете на Израелците. Војските на Васан подлегнале пред таинствената сила која била обвиена во столб од облак и Евреите ги зазеле џиновските тврдини. Моавците не се осмелувале да ги нападнат; прибегнувањето кон оружје им се чинело безнадежен обид пред таа натприродна сила која дејствувала во полза на Израел. Затоа решиле, како што се обидел и фараонот во свое време, да ја повикаат на помош магијата за да го осуетат Божјето дело. Сакале врз Израел да навлечат некакво проклетство.

Моавците со Мадијанците биле тесно поврзани во национален и верски поглед. Затоа моавскиот цар, Валак, и успеал да предизвика страв кај сродниот народ и себеси да си обезбеди нивна соработка против Израелците, упатувајќи им вест: „Оваа маса ќе испасе сè околу нас, како вол што испасува трева по полето.“ Се зборувало дека некој си Валам од Месопотамија има натприродна моќ, па тоа се прочуло сè до моавската земја.

Решиле да побараат негова помош, пратиле пратеници - „моавските и мадијанските старешини“ - да го доведат и да се послужат со неговите вражби и магии против Израел.

Пратениците веднаш се упатиле на далечниот пат преку гори и 439
пустини до Месопотамија; и кога го нашле Валама, му ја пренеле

пораката на својот цар: „Еве, овие луѓе дојдоа од Египет и ја покрија земјата, и сега се сместени во моето владение, па дојди и проколни ми го тој народ, бидејќи е посилен од мене; тогаш можеби ќе бидам во состојба да ги поразам и да ги истерам од мојата земја; бидејќи знам дека кого ќе го благословиш ти, тој е благословен, и кого ќе го проколнеш, тој е проколнат."

Валам некогаш бил добар човек и Божји пророк, но подоцна отпаднал и станал дрчен. Меѓутоа, и понатаму тврдел дека е слуга на Севишниот. Нему му било добро познато што сè Бог сторил за Израелците, и кога пратениците дошле и му ја соопштиле пораката, знаел дека му е должност да ги одбие наградите на Валака и да ги врати пратениците. Но тој се осмелил да си се игра со искушението нудејќи им на пратениците да преноќеваат кај него, објаснувајќи дека не може да им даде точен одговор пред да го праша Господа за совет. Валам знаел дека неговата клетва не може на Израелците да им нанесе никакво зло. Бог бил на нивна страна и никаква непријателска ниту пеколна сила не можела да ги надвладее сè додека тие му биле предани и верни нему. Но зборовите на пратениците за него биле мошне ласкави: „Кого ќе го благословиш ти, тој е благословен, и кого ќе го проколнеш, тој е проклет." Поткупувањето со скапоцени подароци и изгледите за углед кај него поттикнале алчност. Дрчно го прифатил понуденото богатство, а потоа се обидел да ги задоволи барањата на Валака, преправајќи се дека постапува по Божја волја.

Во текот на ноќта на Валама му се јавил Господен ангел и му рекол: „Не оди со нив и не го колни тој народ, зашто е благословен."

Утредента Валам ги отпуштил пратениците, иако не му било право. Но не им рекол што му кажал Господ. Бил бесен што наеднаш му пропаднале изгледите за добивка и почест, па налутено извикнал: „Вратете се во својата земја, зашто Господ не ми дозволува да одам со вас."

На Валама „му омилела неправедна плата" (2. Петрово 2,15). Гревот лакомост, кој Бог го означува како идолопоклонство, Валама
440 го претворил во превртливец и со помош на тој единствен грев сатаната задобил целосна власт над него. Токму тоа предизвикало негова пропаст. Искушувачот секогаш на луѓето им нуди примамлива земна добивка и почести за да ги оддели од Бога. Тој им дошепнува дека претераната совесност само ги спречува да уживаат во благосостојбата. Така мнозина се наведени да ја напуштат патеката на строгата чесност. Еден погрешен чекор вториот го прави уште полесен, а следните се сè похрабри и порешителни. Кога еднаш ќе му подлегнат на лакомството стремејќи се кон власт, луѓето се во состојба да сторат најстрашни гревови. Мнозина си ласкаат

себеси дека можат за извесно време да ја напуштат патеката на строгата чесност додека не постигнат некоја своја цел, за подоцна пак да се вратат на неа кога ќе посакаат. Тие сами се вплеткуваат во мрежите на сатаната и ретко потоа можат да му побегнат.

Кога пратениците му пренеле на Валака дека пророкот одбил да појде со нив, тие не спомнале дека тоа Бог му го забранил. Мислејќи дека Валам се колеба само затоа да добие поголема награда, царот пратил уште повеќе кнезови, и тоа поугледни од првите, со ветувања за уште поголеми почести и со овластувања да ги задоволат сите услови што ќе ги постави. Итната порака на Валака упатена до Валама гласела: „Те молам, не задоцнувај да дојдеш при мене. Ќе ти укажам големи почести и ќе сторам за тебе сѐ што ќе ми кажеш. Дојди и проколни ги тие луѓе.“ Валам и по вторпат бил изложен на искушение. Во својот одговор на барањето на пратениците, Валам навидум покажал голема совесност и чесност, уверувајќи ги дека никакво количество на злато и сребро не може да го наведе да работи против Божјата волја. Меѓутоа, во себе копнеел да ја задоволи молбата на царот и, иако Божјата волја веќе му била јасно покажана, ги убедил пратениците да преноќеваат за да може уште еднаш да го праша Бога, како Севишниот да е човек кој може да се наговори.

Во текот на ноќта Господ му се јавил на Валама и му рекол: „Ако овие луѓе дошле да те викаат, стани, оди со нив; но прави го само она што ќе ти го кажам јас.“ Така Господ му дозволил на Валама да работи по своја волја, зашто тој упорно го барал тоа. Не се трудел да ја извршува Божјата волја, туку одбрал сопствен пат и дури тогаш се обидел да добие Божја согласност.

И денеска илјадници луѓе постапуваат на сличен начин. Не им е тешко да ја сфатат својата должност ако таа е во сообразност со нивните наклоности. Таа јасно е изложена во Библијата или 441
одредена со околностите или со здравиот разум. Но, бидејќи тие докази се спротивни на нивните желби и склоности, тие најчесто ги отфрлаат и се осмелуваат да му пристапат на Бога прашувајќи го што е нивна должност. Со лажна совесност долго и сесрдно се молат за светлина. Меѓутоа, Бог не дозволува некој да се игра со него. Тој често им дозволува на таквите лица да постапуваат според своите желби, но да ги сносат и последиците. „Но, мојот народ нејќе да слуша... затоа ги препуштив на нивните закоравени срца: нека одат по свои патишта“ (Псалм 80,11.12). Кога некој јасно ќе види што му е должност, тогаш нека не излегува пред Бога со молитва барајќи дозвола сепак да не ја изврши. Уште повеќе, треба со скршен и понизен дух да се моли за сила и мудрост за да може да ги исполни нејзините барања.

Моавците биле расипан, идолопоклонички народ, па сепак, според светлината што ја имале, нивната кривица во очите на Небото не била толку голема како кривицата на Валама. Бидејќи тврдел дека е Божји пророк, се сметало дека сè што зборува, зборува во име на Божјиот авторитет. Според тоа, не смеел да зборува како што му се допаѓа нему, туку морал да ја објави пораката што ќе му ја даде Бог. „Постапи како што ќе ти кажам јас“, гласела Божјиата заповед.

Валам добил дозвола да тргне со придружниците од Моав ако изутрината го повикаат. Меѓутоа, налутени што тој пак се колеба и очекувајќи повторно да ги одбие, тие тргнале назад без да се договорат со него. Така отпаднал секој изговор дека мора да ги задоволи барањата на Валака. Но Валам решил да се добере до големата награда, па го зел животното на кое обично јавал и тргнал и тој на пат. Се плашел дури и сега да не му биде скусена Божјата дозвола, па нестрпливо брзал на некој начин да не му побегне наградата за која толку многу копнеел.

Но „застана ангел Господов на патот за да му попречи“. Животното видело Божји весник кој за човечките очи бил невидлив и скршнало од патот. Валам сурово го изнатепал додека не го вратил на патот, но во еден теснец меѓу стрмни карпи повторно се појавил ангелот. Животното се обидело да побегне од заканувачката појава и на тој начин ја притиснало ногата на господарот во карпата. Валам не видел дека небото се вмешало и не сфатил дека Бог му
442 го попречува патот. Се разбеснил и со ќотек ја присилувал магарицата да го продолжи патот.

„Но Ангелот Господов пак се тргна и застана на тесно место каде што немаше каде да се скршне ни надесно ни налево.“ Магарицата толку многу се исплашила од заканувачкиот став на ангелот, што најпосле застанала како закопана, а потоа се урнала на земјата со својот господар. Безгранично лут, Валам го тепал животното уште посвирепо отколку порано. Тогаш Бог му ја отворил устата и „неразумното животно проговори со човечки глас и го запре безумството на пророкот“ (2. Петрово 2,16). „Што сум ти сторила“, рекла таа, „та ме тепаш веќе третпат?“

Бесен што на тој начин бил запрен на својот пат, Валам му се обратил на животното како на некое суштество надарено со разум: „Зошто се подигруваш со мене? Да имам во рака меч, сега би те убил.“ Божемниот волшебник, на пат да проколне цел еден народ за да му ја ослаби силата, не бил во состојба да го убие ни животното што го носело.

Тогаш на Валама му се отвориле очите и тој го видел Божјиот ангел со гол меч да го убие. Уплашен „тој ја наведна главата и се

поклони со лицето“. Ангелот му рекол: „Зошто ја биеш магарицата еве веќе три пати? Јас излегов да ти го попречам патот, зашто твојот пат не ми е по волја. И магарицата кога ќе ме видеше, скршнуваше од мене еве веќе три пати; ако не скршнуваше од мене, ќе те убиев, а неа ќе ја оставив жива.“

Валам за својот живот требало да му заблагодари на кутрото животно со кое постапувал толку немилосрдно. Заслепен со лакомост и славољубие, човекот кој тврдел дека е Божји пророк и кој изјавил дека нему му се „очите отворени“ и дека „гледа видение на Семожниот“, не успеал да го забележи Божјиот ангел кого немото животно јасно го видело. „Богот на овој свет им ги заслепи умовите на неверниците“ (2. Коринќаните 4,4). Колку има такви кои се заслепени на ист начин! Трчаат на забранети патишта, го престапуваат Божјиот закон и не можат да видат дека Бог со своите ангели е против нив. А потоа, како Валам, им се лутат на оние што сакаат да ги сочуваат од пропаста.

Валам со своето постапување со тоа кутро животно покажал
каков дух го води. „Праведникот се грижи за животот на своето
живинче, а срцето на безбожникот е немилостиво“ (Мудри из- 443
реки 12,10). Малку има такви кои увидуваат колку е грешно да се малтретираат животните или да им се нанесуваат страдања занемарувајќи ги. Оној што го создал човекот, ги создал и животните и „Господ е кон сите добар, сочувствителен е кон сите свои творби“ (Псалм 145,9). Животните се создадени да му служат на човекот, но тој нема право да ги мачи со груби постапки и со свирепи барања.

Токму поради човековиот грев „сите созданија заедно со нас воздивнуваат и тажат досега“ (Римјаните 8,22). Значи, страдањата и смртта не му се наметнати само на човечкиот род, туку и на животните. Оттаму на човекот и му прилега да се потруди да го ублажи, а не да го зголемува товарот и страдањата на другите Божји созданија. Оној што ги малтретира животните затоа што му се потчинети, истовремено е и кукавица и тиран. Да им се нанесува болка било на ближните или на немите созданија, е сатанска особина. Мнозина мислат дека за нивната свирепост никогаш ништо нема да се дознае, зашто кутрите неми животни не можат да ги откријат. Но кога на тие луѓе би им се отвориле очите како на Валама, би виделе ангел како сведок кој горе на небото сведочи против нив. На небото пристигнува извештај и иде ден кога ќе биде изречена пресуда над оние што ги малтретираат Божјите созданија.

Забележувајќи го Божјиот весник, Валам со ужас извикнал: „Згрешив, бидејќи не знаев дека ти стоиш на патот пред мене; и сега, ако тоа не е по твоја волја, јас ќе се вратам.“ Господ го пуштил да го продолжи патот, но му дал на знаење дека со неговите

зборови ќе управува Божјата сила. Бог сакал на Моавците да им даде доказ дека Евреите се под небесна заштита. И тоа го сторил мошне убедливо, покажувајќи им колку Валам е немоќен да изговори ниту една клетва кога Бог за тоа не му дал дозвола.

Дознавајќи дека Валам се приближува, моавскиот цар излегол со голема придружба да го пречека на границата на својата земја. Кога покажал чудење што Валам се колебал да дојде иако му е ветена толку голема награда, пророкот одговорил: „Еве, јас дојдов при тебе, но можам ли да кажам нешто од себеси? Ќе го кажам она што го ставил Бог во мојата уста.“ Валам многу жалел поради тоа ограничување; се плашел дека не ќе може да ја изведе својата намера зашто над него владеела Божјата сила.

Заедно со великодостојниците, царот со големи почести го ис-
444 пратил Валама „на Валовата височина“ од каде што убаво можеле да се видат сите еврејски чети. Посматрајте го пророкот како стои на високо место и го гледа логорот на избраниот Божји народ. Колку малку Израелците знаеле за она што се случува во нивната близина! Колку малку знаеле за денонoќната Божја грижа за нив! Колку е слаба моќта на забележување на Божјиот народ! Како во сите времиња премногу бавно ја сфаќале големата Божја љубов и милосрдие! Кога би можеле да ја согледаат чудесната Божја моќ која постојано се покажува во нивна полза, зар срцата не би им се исполниле со благодарност за неговата љубов и со страхопочит при помислата на неговото величество и сила?

Валам знаел нешто за еврејската жртвена служба и се понадевал дека ќе добие Божји благослов и ќе ја постигне својата грешна цел со тоа што ќе ги надмине Евреите со своите скапоцени подароци. До таа мера идолопоклоничките чувства на Моавците завладеале со неговата душа! Неговата мудрост се претворила во лудост; неговиот духовен вид потемнел; самиот себеси потполно се заслепил потчинувајќи ѝ се на силата на сатаната.

По упатство на Валама, подигнати се седум олтари и тој на секој од нив принел жртва. Потоа се повлекол на една „височинка“ за да се сретне со Бога, ветувајќи му на Валака дека ќе го каже она што ќе му го стави Бог „во устата“.

Царот стоел крај жртвениците со моавските великани и кнезови, а љубопитна маса се собрала околу нив, жедно очекувајќи пророкот да се врати. Најпосле тој стигнал и народот очекувал да слушне зборови кои засекогаш ќе ја парализираат чудесната сила покажана толку пати во полза на замразените Израелци. Валам рекол:

„Од Месопотамија, од источните краишта ме доведе моавскиот цар, Валак: ’Дојди, проколни ми го Јакова, дојди, со гром удри ми

го Израел!' Како да го проколнам оној кого Бог не го проколнува? Како со гром да го удрам оној кого Господ не го удира? Од врвот на горoccата го гледам, од ридовите го посматрам: Ете, народ кој живее одделно и не се вбројува меѓу народите. Кој ќе го изброи семето на Јакова и кој ќе го пресмета бројот на народот Израелов? Да умре душата моја како што умираат праведниците, и мојот крај да биде како нивниот!"

Валам признал дека дошол со цел да ги проколне Израелците. 447
Но зборовите што ги изговорил биле наполно спротивни на чувствата на неговото срце. Бил присилен да изговори благослови иако душата му била полна со клетви.

Додека го посматрал израелскиот логор, Валам со чудење го забележал нивниот напредок. Моавците го прикажале Израел како сурово, незауздано мноштво кое ја пусти земјата, слично на разбојнички банди, и претставува вистинска напаст за сите соседни народи. Меѓутоа, нивниот логор на сите им давал сосем спротивна слика. Валам големиот број нивни шатори ги видел во совршен ред; сѐ носело белег на темелна дисциплина и ред. Укажано му е на милоста со која Бог ги опсипал Израелците и на нивниот посебен карактер во својство на избран народ. Тие не биле исто што и другите народи, туку многу повозвишени од нив. „Овој народ ќе живее сам и нема да се меша со други народи." Во времето кога биле изговорени тие зборови, Израелците немале постојани населби, а нивните обичаи и нивниот посебен карактер не му биле познати на Валама. Меѓутоа, колку впечатливо се исполнило ова пророштво во подоцнежната историја на Израел! За сето време на своето робување, низ сите столетија откако биле расеани меѓу другите народи, Евреите секогаш останале особен народ. Така и Божјиот народ - вистинскиот Израел - иако расеан по народите, на оваа земја е само дојденик чијашто вистинска татковина е небото.

Тогаш на Валама му била покажана не само историјата на еврејскиот народ како нација, туку и развојот и напредокот на вистинскиот Божји Израел до крајот на времето. Видел дека Бог посебно им е наклонет на оние што го љубат и што го страхопочитуваат. Забележал како ги штити неговата рака додека поминувале низ темната долина на смртната сенка. Видел како излегуваат од своите гробови, крунисани со слава, со чест и бесмртност. Видел како спасените се радуваат во непоминливата убавина на новата земја. Гледајќи го сето тоа, Валам извикнал: „Кој ќе го изброи семето на Јакова и кој ќе го пресмета бројот на народот Израелов?" А кога на челото на секој поединец забележал славна круна, видел радост што блескотела на секое лице и кога во иднината го согледал оној бесконечен живот на неизмерни блаженства, изрекол

сериозна молитва: „Да умре душата моја како што умираат праведниците и мојот крај да биде како нивниот!“

448 Кога Валам би бил подготвен да ја прифати светлината што му ја понудил Бог, тогаш тој би придонел тие негови зборови да се овистинат; тој веднаш би прекинал секоја врска со Моавците. Не би се играл и понатаму со Божјата милост, туку веднаш би се вратил кај Бога со длабоко покајание. Но на Валама му омилеа „неправедната плата“ и тој решил да не ја пропушти по никоја цена.

Валак со доверба ја очекувал клетвата што би паднала врз Израел како мраз или слана, задавајќи му смртен удар; затоа, кога ги слушнал зборовите на пророкот, налутено извикнал: „Што ми направи? Јас те повикав да ги проколнеш моите непријатели, а ти, ете, ги благословуваш со благослов.“ Настојувајќи нужноста да ја прикаже како доблест, Валам тврдел дека тие зборови се последица на неговото потчинување на Божјата волја; всушност, тие од неговата уста потекле со Божјиа сила. Негов одговор бил: „Не требаше ли да го кажам токму она што го стави Господ во мојата уста?“

Валак дури ни тогаш не отстапил од својата намера. Помислил дека величествената глетка на големиот еврејски логор дејствувал врз Валама застрашувачки, па не се осмелил против нив да ги примени своите вражби. Затоа царот решил пророкот да го одведе на такво место од каде што ќе се види само еден дел на логорот. Ако Валам биде наведен да го проколне народот дел по дел, набргу ќе пропадне и логорот во целост. На врвот на една височинка која се викала Фазга, направен е уште еден обид. Повторно подигнале седум олтари и на секој принеле жртва како и првпат. Царот со своите кнезови останал кај жртвите, додека пророкот се повлекол да разговара со Бога. И на пророкот повторно му е доверена Божја вест што тој не можел ниту да ја измени ниту да го спречи нејзиното исполнување.

Кога се вратил кај луѓето што го очекувале со неспокој, му било поставено прашање: „Што вели Господ?“ Одговорот, како и порано, срцето на царот и на кнезовите го исполнил со страв:

„Бог не е човек, па да се колеба, ниту син човечки, па да се менува. Што ќе каже, зар да не го изврши, што ќе рече, зар да не биде така? Ете, доведен сум да благословувам и ќе благословувам, и никако инаку. Не се гледа мака во Јакова, и не се забележува болест кај Израел; Господ Бог е со него, и тој има царска слава?“

449 Уплашен со овие откровенија, Валам извикнал: „Нема гатање против Јакова ниту вражба против Израел.“ Големиот врач ја испробал својата магиска вештина во сообразност со желбите на Моавците; но токму по тој повод за Израел можело да се каже:

„Што стори Бог!“ Сè додека биле под Божја заштита, не можела да ги совлада ниту една нација, ниту еден народ, без оглед на тоа колку сатаната им помагал во тоа. Цел свет мора да му се восхитува на чудесното дело што го извел Бог за својот народ - еден човек, кој решил да појде по грешен пат, во толкава мера бил обземен со Божја сила, што со возвишен и со силен поетски јазик, наместо планираното проклетство, изрекол најдрагоцени и најбогати благослови. А Божјата милост, откриена на Израелците во тоа време, требало да биде залог дека Тој во секое време ќе ги заштити своите послушни и верни деца. Кога сатаната ќе ги инспирира лошите луѓе да го осудуваат, да го мачат и да го уништуваат Божјиот народ, тие ќе си спомнат токму за овој случај и со тоа ќе ја засилат својата храброст и доверба во Бога.

Потиштен и очаен, моавскиот цар извикнал: „Немој ниту да го колнеш ниту да го благословуваш!“ Па сепак, уште по малку се надевал и решил да се обиде уште еднаш. Го одвел Валама на гората Фегор каде што бил изграден храм посветен на разузданата служба на нивниот бог Вал. Тука изградиле ист број олтари како и порано и принеле исто толку жртви. Но Валам не се повлекол насамо, како во претходните случаи, да ја дознае Божјата волја. Не се трудел ниту да примени магии туку, стоејќи крај олтарите, ги посматрал шаторите на Израел. И овојпат Божјиот Дух слегол врз него и од неговата уста дошла Божја порака:

„Колку се убави твоите домови, Јакове, и твоите живеалишта, Израеле! Тие се распростираат како дубрави со сенки, како градини крај реки, како куќи што ги изградил Господ, како кедри крај води. Од неговото потомство ќе излезе човек, кој ќе завладее многу народи, и неговото царство ќе се возвиси погоре од царството на Агага, и ќе се преувеличи. Бог го изведе од Египет; тој е брз како еднорог, ќе ги голтне непријателски расположените народи спрема него, ќе им ги скрши коските и со своите стрели ќе го порази непријателот. Легнал тој како лав и како лавче; кој ќе го разбуди? Благословен да биде оној што те благословува и проклет оној што те проколнува!“

Напредувањето на Божјиот народ овде е прикажано со најубави 450
слики што можат да се најдат во природата. Пророкот го споредува Израел со плодни рамнини покриени со богата жетва; со цветни градини што ги наводнуваат непресушни извори; со миризливи Господови дрвја и со величествениот кедар. Оваа слика е една од најубавите и најпогодни во целата инспирирана Реч. Либанскиот кедар го почитувале сите народи на Истокот. Видот на дрвјата на кои му припаѓа тој може да се најде насекаде каде што луѓето зачекориле со својата нога: од поларните краишта до тропските зони;

топлината им годи, но тие му пркосат и на студот; по бреговите на реките растат богати и раскошни, но високо се издигнуваат и во сува и жедна пустина. Нивниот корен проникнува длабоко во карпестите планини и храбро ѝ пркосат на луњата. Нивното лисје останува зелено и свежо кога сето друго ќе изумре под здивот на зимата. Либанскиот кедар се истакнува меѓу сите други дрвја со својата дебелина, цврстина и исклучителна сила. И тој се зема како симбол да се прикажат оние чијшто „живот е скриен со Христа во Бога“ (Колошаните 3,3). Светото писмо кажува: „Праведниците како палми ќе се разгранат, како либански кедри ќе се издигнат“ (Псалм 92,12). Божјата рака го извишила кедрот како шумски цар. „Кедрите во Божјата градина не го засенуваа; кипарисите не се изедначуваа со неговите гранки; и јаворите не беа толку високи колку неговите врвови; ниедно дрво во Божјата градина не можеше да се споредува со него по својата убавина“ (Езекил 31,18). Кедрот често се употребува како симбол на царското достоинство; тоа што тој во Светото писмо се користи да ги прикаже праведниците покажува како небото ги гледа оние што ја исполнуваат Божјата волја.

Валам преткажал дека Израеловиот цар ќе биде посилен од Агага. Ова име им е давано на царевите на Амалиците кои во тоа време биле мошне силна нација; но, доколку Израел му остане верен на Бога, требало да си ги потчини себеси сите свои непријатели. Божјиот Син бил Израелов цар и за неговиот престол е кажано дека еден ден треба да се издигне над сета земја, а неговата власт над сите земни царства.

Додека Валак ги слушал зборовите на пророкот, го обземал страв и бес поради пропаднатите надежи. Го лутело тоа што Валам не можел да му даде барем утешен одговор кога сето било заговорено против него. Со презир ги посматрал лукавите и мамливи постапки на пророкот. Најпосле бесно извикнал: „Бегај во својата
451 земја. Реков дека ќе те дарувам, но Господ не ти дава дар.“ При тоа му е одговорено дека пророкот однапред напомнал оти ќе го зборува само она што ќе му го заповеда Бог.

Пред да се врати кај својот народ, Валам изговорил мошне убаво, возвишено пророштво за Спасителот на светот и за конечната пропаст на Божјите непријатели:

„Го гледам, но не сега; го посматрам, но не одблизу: од Јакова излегува ѕвезда, од Израел се дига жезол. Тој ќе ги порази кнезовите моавски и ќе ги сотре сите Ситови синови.“

На крај ја преткажал пропаста на Моав и Едом, на Амалик и Кенеј, не оставајќи му со тоа ниту најмалечок зрак на надеж на моавскиот цар.

Разочаран во своето очекување на богатство и почести, скаран со царот и свесен дека предизвикал Божје негодување, Валам се вратил од задачата што самиот ја избрал. Кога стигнал во својата татковина, ја загубил силата на Божјиот Дух и неговото среброљубие, до тогаш потиснувано, повторно зело мав. Бил подготвен да се послужи со кое било средство само да ја добие наградата што ја ветил Валак. Валам знаел дека благосостојбата на Израелците зависи само од нивната послушност кон Бога и дека нема друг начин Израелците да се упропастат освен да се наведат на грев; затоа решил повторно да ја добие наклоноста на Валака со тоа што ќе ги посоветува Моавците како да постапат за да навлечат проклетство врз Израел.

Веднаш се вратил во моавската земја и на царот му ги изложил своите планови. И Моавците исто така биле убедени дека Бог ќе ги штити Израелците сѐ додека ќе му бидат верни. Планот што го предложил Валам се состоел од следното: да се одвојат Израелците од Бога примамувајќи ги во идолопоклонство. Кога би можеле да се наведат да учествуваат во недостојната служба на Вал и Астарота, нивниот семожен Заштитник би ги напуштил и би ги предал на милост и немилост на околните воинствени народи. Моавскиот цар мошне радо го прифатил тој план, а Валам останал и сам да помогне при неговото изведување.

Валам бил сведок на успешното остварување на овој ѓаволски план. Видел како Божје проклетство го снаоѓа неговиот народ и како илјадници паѓаат под неговата осуда. Но Божјата правда, казнувајќи ги грешниците меѓу Израелците, не ги заобиколила ниту поттикнувачите на гревот. Валам е убиен во битката меѓу Израелците и Мадијанците. Тој насетил дека и неговиот крај не е далеку
кога извикнал: „Да умре мојата душа како што умираат праведниците 452
и мојот крај да биде како нивниот!“ Но тој не избрал да живее живот на праведник, па му била доделена судбината на Божјите непријатели.

Судбината на Валама е слична со судбината на Јуда, а нивните карактери имаат забележлива сличност. Обајцата се обидувале истовремено да му служат и на Бога и на мамонот, и обајцата претрпеле страшен неуспех. Валам го признавал вистинскиот Бог и тврдел дека му служи; Јуда верувал во Исуса како Месија и им се придружил на неговите следбеници. Меѓутоа, Валам сакал службата на Јехова да ја претвори во средство за богатење и за световна чест, а кога тоа не му пошло од рака, се препнал, паднал и се скршил. Благодарение на својата врска со Христа, Јуда очекувал да си обезбеди себеси богатство и слава во царството кое Месија, како што верувал тој, имал намера да го основе. Неговите надежи

не се исполниле и тоа го одвело во отпад и пропаст. И Валам и Јуда примиле голема светлина и уживале посебни предимства, но еден единствен омилен грев им го отрул целиот карактер и ги одвел во пропаст.

Опасно е да се дозволи во срцето да се вовлече нехристијанска особина. Само еден грев што го негуваме ќе го понизи карактерот и сите благородни сили ќе ги стави под власт на грешните желби. Оддалечувањето на еден единствен чувар на совеста, негувањето на само една лоша навика, или само едно занемарување на високите барања на должноста, го урива одбранбениот ѕид на душата и на сатаната му отвора премин да влезе и да заведува. Единствен сигурен пат е заедно со Давида секој ден со искрено срце да ја упатуваме молитвата: „Моите чекори кон твоите патеки се придржуваа, моите нозе не се подлизнаа“ (Псалм 17,5).

# ОТПАД НА РЕКАТА ЈОРДАН

*Оваа глава е заснована на 4. Мојсеева 25 глава*

Израелската војска се вратила од Васан како победник со срце полно со радост и обновена со вера во Бога. Веќе освоиле една богата област и цврсто верувале дека веднаш ќе го заземат цел Ханан. Единствено уште реката Јордан се наоѓала меѓу нив и ветената земја. Отаде Јордан се простирала долина покриена со зеленило, наводнувана со потоци и извори, сета во сенка на раскошни палми. На западната страна од рамнината се издигнувале кулите и палатите на градот Ерихон кој во толкава мера изобилувал со палми, што е наречен „палмов град".

На источната страна од Јордан, меѓу реката и висорамнината преку која поминале, исто така се наоѓала рамнина, широка повеќе километри, а се протегала по должината на реката. Во таа засолнета долина владеела тропска клима; тука растел ситим или багрем, според што долината и го добила името „Ситимска долина". Израелците тука се улогориле наоѓајќи пријатно засолниште во багремовите шумички крај реката.

Меѓутоа, токму во таа привлечна околина тие требало да наидат на едно зло многу пострашно од силни војски на вооружени луѓе и од дивите животни во пустината. Таа земја, толку богато благословена со природни предимства, ја скврнавеле нејзините жители. За време на јавните богослуженија, посветени на нивното врховно божество, Вал, редовно можеле да се видат најсрамни сцени на безбоштво. Секаде имало места познати по идолопоклонство и распуштеност кои, дури и со своите имиња потсетувале на порочноста на народот.

Таквата околина дејствувала врз Израелците опачно. Нивниот ум се привикнал на лошите мисли кои постојано им биле наметнувани; лежерниот живот и безделничењето донеле свој плод: речиси 454
неусетно отпаднале од Бога и достигнале во таква положба каде што ќе станат лесен плен на искушенијата.

Додека престојувале крај Јордан, Мојсеј ги приготвувал за освојување на Ханан. Големиот водач целосно бил обземен со таа важна задача; но за народот тоа време на починка и очекување претставувало големо искушение - не поминале ниту неколку седмици, а тие својата историја ја извалкале со ужасно отстапување од доблеста и честитоста.

Во почетокот Израелците мошне малку доаѓале во допир со своите незнабожечки соседи. Меѓутоа, по извесно време Мадијанките почнале кришум да влегуваат во логорот. Нивната појава никого не го вознемирувала, па мирно продолжиле со своите планови, а на Мојсеја никој не му обрнал внимание на тоа. Цел на овие жени била, општејќи со Израелците, да го свртат нивното внимание кон своите незнабожечки обичаи и на тој начин да ги наведат на престап на Божјиот закон - да ги турнат во идолопоклонство. Тие вистински намери внимателно се криени под плаштот на пријателство, така што ниту народните чувари воопшто не се сомневале.

Според советот на Валама, моавскиот цар приредил голема свеченост во чест на своите богови и потајно средил Валам да ги наговори Израелците и тие да земат учество во тоа. Бидејќи овие го сметале за Божји пророк, нему не му било тешко да ја постигне својата цел. Голем дел од народот пошол по него да присуствува на свеченостите. Се осмелиле да стапат на забранета почва и се сплеткале во мрежите на сатаната. Восхитени од музиката и играта и намамени од убавината на незнабожечките калуѓерки, ја занемариле својата верност кон Бога. Се придружиле кон веселбата и славјето, виното им го поматило разумот и ги урнало сите огради на самосовладувањето. Сетилноста потполно загосподарила и бидејќи својата совест ја извалкале со разврат, дозволиле да бидат наговорени да се поклонат пред идолите. Принесувале жртви на незнабожечките олтари и учествувале во понижувачките обреди.

Не поминало многу време и овој отров како смртоносна зараза се раширил низ целиот израелски логор. Победниците над непријателите во вооружената борба подлегнале пред лукавоста на незнабожечките жени. Се чинело како сиот народ да е маѓепсан. Старешините и народните водачи меѓу првите згрешиле, а
455 и мнозина од народот, така што отпадот станал општ. „И му се поклони Израел на Ваал-Фегор.“ Најпосле, кога Мојсеј го забележал злото, успехот на заговорот на нивните непријатели веќе бил толку голем, што Израелците не само што учествувале во клањањето пред Ваал-Фегор, туку во целиот логор се забележувале и обичаите на незнабошците. Остарениот водач бил длабоко огорчен, а Божјиот гнев се разгорел.

Развратните постапки на Израелците го сториле она што не можеле да го сторат сите Валамови вражби - Израел се одвоил од Бога. Бргу наишла казна и народот почнал да ја увидува големината и одвратноста на својот грев. Во логорот се појавила страшна зараза во која подлегнале десетици илјади луѓе. Бог им наредил на судиите да ги казнат со смрт водачите во овој отпад. Наредбата веднаш е извршена. Престапниците веднаш биле погубени, а нивните тела биле обесени пред очите на цел Израел, со цел народот, гледајќи како Господ строго постапува со нивните водачи, длабоко да почувствува колку на Бога му е гнасен нивниот грев и стравотијата на неговиот гнев против нив.

Сите чувствувале дека казната била праведна, па побрзале пред шаторот за состанок со солзи да го признаат својот грев. И додека тие така плачеле пред Бога, додека сè уште беснеел поморот низ логорот, а судиите ја исполнувале својата задача, наишол еден од израелските благородници, Замрие, водејќи една мадијанска блудница, „ќерката на мадијанскиот кнез Сура“; пркосно пред сите Израелци ја вовел во својот шатор. Порокот никогаш не бил посмел и подрзок. Загреан со вино, Замрие го разгласувал „својот грев како Содом“ (Исаија 3,9) и се гордеел со својот срам. Свештениците и старешините со болка и понизно паднале ничкум плачејќи „меѓу тремот и олтарот“ и пекајќи пред Господа да го поштеди својот народ и да „не го даде своето наследство под срам“. Во истиот миг тој израелски кнез пред очите на целиот собир се растурал со својот грев, предизвикувајќи ја Божјата одмазда и исмевајќи ги народните судии. Тогаш синот на првосвештеникот Елеазар, Финес, станал среде собирот и, земајќи копје „влезе по човекот Израелец во шаторот“, и ги убил двајцата. Така злото е запрено; свештеникот, кој ја извршил Божјата казна, бил почестен од цел Израел, а свештеничката служба засекогаш му е потврдена нему и на неговиот дом.

„Финес, синот на Елеазара, синот на свештеникот Арон, ја одврати мојата јарост од синовите Израелови.“ - гласела Божјата порака. „Затоа кажи му: 'Ете, јас му давам мирен завет, и тој ќе 456
биде за него и за неговото потомство по него, завет на вечно свештенство затоа што покажа ревност за својот Бог и го омилостиви за синовите Израелови.“

Казната што го снашла Израел поради гревот во Ситим ги уништила преживеаните од она големо мноштво над кое речиси пред четириесет години била изречена осуда дека „ќе изумрат во пустината“. Пребројувањето на народот, кое во времето на нивниот престој во Јорданската долина било изведено по Божја наредба, покажало дека „меѓу нив немаше ниту еден од оние кои Мојсеј

и свештеникот Арон ги преброија кога ги пребројуваа синовите Израелови во Синајската пустина ... освен Халев, синот на Јефоние и Исус, синот на Навина“ (4. Мојсеева 26,64.65).

Бог ги казнил Израелците затоа што дозволиле да бидат заведени со примамливите лукавства на Мадијанците; но Божјата казна не ги заобиколила ниту предизвикувачите на гревот. Амалиците, кои ги нападнале оние што биле изморени и папсани од израелските редови во Рафидин, биле казнети дури по подолго време, додека Мадијанците, затоа што ги навеле Израелците на грев, морале веднаш да бидат казнети како уште поопасни непријатели. Господ му заповедил на Мојсеја: „Одмазди им се на Мадијанците поради синовите Израелови, и потоа ќе се прибереш при својот род“ (4. Мојсеева 31,2). Тој налог веднаш бил извршен. Од секое племе биле избрани по илјада луѓе и пратени под водство на Финеса. „И отидоа во војна против Мадијанците, како што му заповеда Господ на Мојсеја, и убија ... пет мадијански цареви; го убија со меч и Валама, Веоровиот син“ (4. Мојсеева 31,9). Дури и жените што ги заробила војската, по наредба на Мојсеја, биле погубени како најодговорни и најопасни непријатели на израелскиот народ.

Таков бил крајот на оние што му смислиле зло на Божјиот народ. Псалмистот кажува: „Паганските народи пропаднаа во јамата што самите си ја ископаа; нозете им се фатија во мрежата што самите скришно ја поставија“ (Псалм 9,15). „Бог своите луѓе нема да ги отфрли; своето наследство никогаш нема да го остави. Тој ќе ја врати правдата во судот и неа ќе ја најдат сите со чесни срца.“ Кога луѓето се „нафрлаат на праведната душа“, тогаш Господ „ќе им врати за нивното беззаконие, за нивната злоба“ (Псалм 94,14.15.21.23).

457 Кога Валам бил повикан да ги проколне Евреите, не можел да им нанесе никакво зло со своите магии. Господ „не виде несреќа кај Јакова, ниту забележа неволја во Израел“ (4. Мојсеева 23,21). Но кога го престапиле Божјиот закон, ја загубиле својата заштита. Ако Божјиот народ им остане верен на Божјите заповеди, тогаш нема „гатање против Јакова ниту вражби против Израел“. Сета моќ на сатаната и сите негови лукави планови смислени се така за да ги наведат на грев. Ако оние што тврдат дека се чувари на Божјиот закон ги престапуваат неговите прописи, тогаш се изделуваат од Бога и никогаш не ќе можат да опстанат пред неговите непријатели.

Истите Израелци, кои не можело да ги совлада оружјето на Мадијанците, ниту сите нивни вражби, паднале како жртва на мадијанските блудници. Влијанието и моќта на жените, ангажирани во служба на сатаната, е во состојба да ја заведе и да ја уништи душата. „Зашто таа мнозина смртно ранила и многу јунаци кутнала“

(Мудри изреки 7,26). На тој начин и децата на Сит биле наведени да отстапат од својата чесност и - светото семе се изопачило. Така бил искушаван и Јосиф. Така и Самсон ја предал својата сила и заштитата на Израел ја препуштил во рацете на Филистејците. Тука потклекнал и Давид. И Соломон, најмудриот меѓу царевите, човекот кого Бог три пати го нарекол свој љубимец, станал роб на своите страсти и ѝ ја жртвувал својата чесност на истата заводничка сила.

„Сето тоа им се случи ним да биде за пример, а се напиша како опомена за нас на кои им падна во дел да живеат во последно време. Затоа, кој мисли дека стои, нека внимава да не падне“ (1. Коринќаните 10,11.12). Сатаната точно го познава материјалот во човечкото срце со кој ќе има работа. Тој ги познава најчувствителните точки во човечкиот карактер, зашто илјадници години ги проучува со пеколна ревност. Затоа во сите поколенија се трудел најсилните луѓе, кнезовите во Израел, да ги совлада токму со тоа искушение кое со толку голем успех го применил во Ваал-Фегор. Во сите столетија на сите страни се забележувале такви карактерни црти како остатоци на брод парчосан на карпата на грешните страсти. Денеска, кога се приближуваме кон крајот на времето и кога Божјиот народ стои на границата на небесниот Ханан, сатаната, како и во минатото, двојно ќе ги зголеми своите напори за да ги спречи да влезат во ветената земја. Тој поставува свои стапици пред секоја душа. Оттаму, сите мора да бидат претпазливи, а не само неуките и необразованите. Тој ќе смисли искушенија дури и за оние што се наоѓаат на највисоки положби и на најсвети должности; ако му 458
појде од рака да ја извалка нивната душа, тогаш ќе може да уништи и многу други. И денеска тој се служи со исти средства како и пред три илјади години. Со помош на пријателство со светот, со помош на шармот на убавината, со желбата за задоволства, со веселбите, со различни свечености и со чаша вино, тој наведува на престап на седмата заповед.

Пред да ги наведе на идолопоклонство, сатаната Израелците ги поттикнал кон разврат. Сите што го валкаат Божјиот лик во своето сопствено тело и го скврнават неговиот храм, нема да се притеснуваат од какво и да е обесчествување на Бога само да ги задоволат желбите на своето расипано срце. Сетилните задоволства го слабеат умот и ја понижуваат душата. Животинските страсти ги отапуваат моралните и интелектуалните сили; робовите на страстите никогаш не можат да ја сфатат светата обврска да го држат Божјиот закон, да ја ценат службата на помирување или да имаат вистински поим за вредноста на душата. Добротата, чистотата и вистината, Божјиот страв и љубовта кон светите нешта - сите овие свети чувства и благородни стремежи што го врзуваат чове-

кот со небесниот свет - стануваат уништени во огнот на желбите. Душата станува мрачна, мртва пустина, врталиште на лоши духови и „темница на сите нечисти и одвратни птици". Суштествата, создадени според Божјиот лик, паѓаат на ниво на неразумни животни.

Со тоа што се дружеле со идолопоклониците и што учествувале во нивните свечености, Евреите биле наведени на престап на Божјиот закон и така навлекле казна врз својот народ. И денеска сатаната има најмногу успех кога ги мами Христовите следбеници на грев и кога ќе ги наведе да се дружат со грешниците и да уживаат во нивните задоволства. „Затоа излезете од нивната средина и одделете се - вели Господ! Не допирајте се до ништо нечисто, и јас ќе ве примам" (2. Коринќаните 6,17). Бог и денеска бара од својот народ јасно да се разликува од другиот свет во своите навики, во моралот и во начелата, како што го барал тоа во старо време од Израел. Доколку верно се придржува кон неговата наука, таа разлика ќе постои - не може поинаку. Опомените упатени во тоа време до Евреите да не се мешаат со незнабошците, не се помалку непосредни и јасни од опомените кои на христијаните им забрануваат да се прилагодуваат кон духот и обичаите на неверниците. Христос ни порачува: „Не сакајте го светот и сè што е во него. Ако некој го сака светот, во него нема љубов од Отецот" (1. Јованово
459 2,15). „Кој сака да му е пријател на светот, му станува непријател на Бога" (Јаков 4,4). Христовите следбеници мора да се изделат од грешниците и нивното друштво да го бараат само како можност да им прават добро. Мораме решително да го одбегнуваме друштвото на оние што се трудат да нè одделат од Бога. И додека ја изговараме молитвата, „Не воведувај нè во напаст", треба и сами, колку што можеме, да ги одбегнуваме напастите и искушенијата.

Израелците биле наведени на грев кога се наоѓале во благосостојба и сигурност. Заборавиле дека постојано треба да го имаат Бога пред очи, ја занемариле молитвата и негувале дух на самоувереност. Благосостојбата и попуштањето пред страстите ја ослабиле тврдината на душата и во неа се вовлекле грешни мисли. Предавниците внатре меѓу ѕидовите ја урнале тврдината на начелата и го изложиле Израел на силата на сатаната. Сатаната и денеска се обидува на ист начин да упропасти секоја душа. Долгиот процес на подготовка, за кој светот не знае, се одвива во срцето пред еден христијанин да стори отворен грев. Душата не преминува наеднаш од чистота и светост во расипаност, во порок и злосторство. Потребно е извесно време суштествата, создадени според Божјиот лик, да спаднат на животинско ниво или на сатанска природа. Посматрајќи, ние се преобразуваме. Човекот кој се занимава со нечисти

мисли може да падне толку ниско, што ќе му годат гревовите кои порано ги осудувал.

Сатаната се труди со сите можни средства да го разгласи злосторството и понижувачките пороци. Не можеме да поминеме низ улиците на нашите градови без да забележиме како јавно се истакнува разбојништвото, било со прикажување во романи или со изведба на сцена. Така духот, малку по малку, се навикнува на грев. Во весниците на народот му се прикажуваат лоши дела и пороци; сѐ што може да предизвика сетилност, се изнесува на највозбудлив начин. Луѓето во толкава мера слушаат за понижувачки злосторства, што најпосле и чувствителната совест, која од почеток се грозела пред таквите сцени, отапува и жеднее да ги следи таквите вести.

Многу од вообичаените уживања на денешниот свет, омилени дури и кај оние што тврдат дека се христијани, се насочени кон иста цел како и незнабожечките. Всушност, има мошне малку задоволства што сатаната не ги користи како средство да ја уништува душата. Со векови тој преку драмата настојувал да разбуди страсти и да го издигне порокот. Сатаната се служи со операта, со нејзината волшебна музика и занесна игра за да ја урне бариерата 460
на начелата и да им ја отвори вратата на сетилните наслади. Во секое друштво, собрано заради задоволство, каде што се поттикнува гордост и попуштање кон апетитот, каде што човекот се наведува да го заборава Бога и да ги губи од вид вечните интереси, тука сатаната кове свои синџири околу душата.

Советот на мудрецот гласи: „Над сѐ што се чува, чувај го срцето свое, зашто од него излегува живот“ (Мудри изреки 4,23). Човекот е онаков како што мисли во своето срце. Срцето мора да биде обновено од Божјата милост, зашто без тоа истото напразно ќе копнее за чистота во животот. Оној што се труди независно од Христовата милост да изгради благороден карактер полн со доблести, ѕида куќа на песок. Во жестоката луња на искушенијата таа куќа сигурно ќе се урне. Секоја душа треба да се моли на Бога како што се молел Давид: „Дај ми Боже, чисто срце, и здравиот дух обнови го во мене“ (Псалм 51,10). А кога ќе го примиме Божјиот дар, „Божјата сила, која преку верата ве запазила за спасение“ (1. Петрово 1,5), мораме да се трудиме тоа да го усовршиме.

Меѓутоа, и ние треба нешто да преземеме за да му се противставиме на искушението. Оној што не сака да стане плен на лукавствата на сатаната, мора да ги затвори сите приоди што водат кон душата. Треба да се одбегнува читање, гледање или слушање на сѐ што предизвикува нечисти мисли. На духот не смее да му се дозволи неконтролирано да талка по предметите што ќе ѝ ги

наметне непријателот на душата. Апостол Петар кажува: „Поради тоа, љубезни, опашете ги бедрата на својот ум и бидете бодри... Бидејќи сте послушни деца, не постапувајте според вашите поранешни похоти, кога бевте во незнаење, туку, како што е свет Оној кој ве повика, бидете и вие свети во сиот ваш живот“ (1. Петрово 1,13-15). А Павле зборува: „А понатаму, браќа мои, на она што е вистинито, што е чесно, што е праведно, што е чисто, што е љубезно, што е достојно за слава, на она што е добродетел, што е за пофалба, само на тоа мислете“ (Филипјаните 4,8). Тоа бара сериозна молитва и непрекината будност. Постојано треба да нè поткрепува влијанието на Светиот Дух, нашите мисли да ги насочува кон горе и да ги навикнува да се задржуваат на она што е чисто и свето. Мораме ревносно да ја проучуваме Божјата Реч. „Како може млад човек да живее во чистота? Така што ќе се раководи според твоите зборови! Твоите зборови во срцето сум ги скрил за да не згрешам против тебе“ (Псалм 119,9.11).

461 Гревот на Израелците кај Ваал-Фегор навлекол Божја казна врз целиот народ; денеска истиот грев можеби нема да биде толку брзу казнет, но сигурно ќе ја прими својата одмазда. „Ако некој го разори Божјиот храм, него Бог ќе го разори“ (1. Коринќаните 3,17). Природата става печат на страшна казна за такви злосторства - казна што секако ќе го снајде секој престапник, порано или подоцна. Овој вид грев, повеќе од кој и да било друг, претставува причина за страшното изопачување на нашиот род, како и за болестите и бедата што се проклетство за светот. Луѓето можат да успеат своите престапи да ги скријат пред своите ближни, но тоа не значи дека нема да пожнеат сигурни последици: патила, болест, малоумност и смрт. А од другата страна на овој живот стои суд со конечна одлука и со вечна казна. „Оние што го прават тоа нема да го наследат царството Божје“, туку со сатаната и со неговите лоши ангели ќе се најде во „огнено езеро“ кое е „втора смрт“ (Галатите 5,21; Откровение 20,14).

„Зашто од усните на блудницата мед капе, зборовите ѝ се мазни како кајмак, но на крај како пелин се горчливи, остри како меч со две острици“ (Мудри изреки 5,3.4). „Ни близу до неа не минувајте, до нејзините порти не приоѓајте, да не ви отиде снагата по други и годините по мачители, па туѓинци да се ситат со вашиот имот и туѓи куќи да се богатат од вашиот труд, и на крај да офкате, кога и снагата и телото во неповрат ќе ви отидат“. „Чии куќи кон смрт се наклонети, чии патеки кон гроб се насочени; кој кај нив стапнува - назад не се враќа, од патот на животот се одвраќа“. „А тие не знаат дека таму се мртовците, дека нејзините гости се веќе во светот на мртвите!“(Мудри изреки 5,8-11; 2,18.19; 9,18).

42

# ПОВТОРУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ

*Оваа глава е заснована на 5. Мојсеева 4 - 6 и 28 глава*

Бог му навестил на Мојсеја дека се приближува мигот да се заземе Ханан. Остарениот пророк стоел на гора над Јордан и над ветената земја, посматрајќи го со голем интерес наследството на својот народ. Дали би било можно да се отповика пресудата изречена над него поради гревот сторен кај Кадес. Со длабока сесрдност запекал: „Господе, Боже! Ти почна да го покажуваш над својот слуга своето величие и својата сила, својата цврста рака и својата висока мишка; па има ли некој бог на небото или на земјата кој би можел да прави такви дела, како твоите, и со таква моќ како што е твојата! Дозволи ми да минам и да ја видам онаа блажена земја преку Јордан, оној прекрасен горски крај и Либанон“ (5. Мојсеева 3,24-27).

Одговорот гласел: „Доста, во иднина да не ми говориш повеќе за тоа; искачи се на врвот на гората и крени ги очите кон морето и кон север, кон југ и кон исток, погледни со очите, зашто нема да го минеш Јордан.“

Без и најмалечко негодување Мојсеј ја прифатил Божјата одлука. А потоа се загрижил за Израел. Кој ќе се грижи за нивната благосостојба онака како што се грижел тој? Од длабината на срцето му потекла молитва: „Господ Бог на духовите и на секое тело, нека одреди над овој народ човек кој ќе излегува пред нив и кој ќе влегува пред нив, кој ќе ги изведува и кој ќе ги доведува, за да не остане Господовиот народ како овци без пастир“ (4. Мојсеева 27,16.17).

Господ ја ислушал молитвата на својот слуга и одговорил: „Земи го Исуса, синот на Навина, човек во кога има мој Дух, и положи ги врз него своите раце. Претстави го пред свештеникот Еелеазар и пред целиот собир, нареди му и заповедај за него пред целиот народ, и дај му од својата слава за да го слуша сиот народ, синовите Израелови“ (4. Мојсеева 27,18-20). Исус Навин долго му помагал 463
на Мојсеја, а бидејќи бил мудар, вешт и верен човек, избран е и за негов наследник.

Ракоположен од страна на Мојсеја, Исус Навин свечено ја примил значајната должност на водач на Израел. Му било дозволено да учествува во управувањето. Мојсеј за народот добил заповед од Господа: „А тој да му се обраќа на свештеникот Елеазар кој ќе бара за него решенија од Господа преку урим. На негова заповед нека излегуваат и на негова заповед нека влегуваат, тој и сиот Израел со него - сиот народ.“

Пред да ја напушти положбата на народен водач, на Мојсеја му било наредено да им ја повтори историјата на нивното ослободување од Египет и патувањето низ пустината како и законот изговорен на Синај. Кога законот бил даден на Синај, само малкумина од нив од сегашниот собир биле доволно возрасни за да ја разберат сета сериозност на мигот. А бидејќи требало набргу да ја преминат реката Јордан и да влезат во ветената земја, Бог сакал да им ги изложи барањата на својот закон и да им предочи дека послушноста е услов за напредокот и среќата.

Мојсеј стоел пред народот за да им ги повтори своите последни опомени и совети. Лицето му го осветлувала света светлина. Косата му била бела од старост, но се држел простум; цртите на лицето му покажувале несмалена сила и здравје, погледот му бил бистар и жив. Тоа бил важен миг, а тој длабоко чувствително им ја опишувал милоста и љубовта на нивниот семожен Заштитник.

„Запрашај се за поранешните времиња, што беа пред тебе, од оној ден кога Бог го создаде човекот на земјата, и од едниот до другиот крај на небото; имало ли нешто такво како ова големо дело, или се чуло ли за слично на него? Го чул ли некој народ некогаш гласот на живиот Бог, кој говори од оган, како што ти чу, и остана жив? Зар не виде дека Бог отиде и си зеде народ од другите народи преку порази, преткажувања и чудеса, преку војна, и со силна рака, со висока мишка и со големи ужаси, како што направи за вас вашиот Господ Бог во Египет пред твоите очи? Тебе ти е дадено да го разбереш тоа за да знаеш дека само твојот Господ Бог е Бог и дека нема друг, освен него.“

464 „Не затоа, дека сте побројни од сите народи, ве прими Господ и ве избра - бидејќи вие сте помалубројни од сите народи - туку затоа што Господ ве засака и за да ја одржи клетвата со која Тој им се беше заколнал на вашите татковци, и ве изведе Господ со силна рака и цврста мишка, и ве ослободи од домот на ропството, од раката на фараонот, египетскиот цар. И така, знај дека твојот Господ Бог е Бог верен, кој го држи својот завет и својата милост ја покажува дури до илјадито колено кај оние што го сакаат и ги извршуваат неговите заповеди“ (5. Мојсеева 7,7-9).

Израелскиот народ секогаш бил готов за сите свои неволји да го обвини Мојсеја. Но сега отпаднале сите сомневања дека тој бил премногу горд, частољубив и себичен, па со доверба слушале сè што им зборувал. А Мојсеј верно им ги изнесувал сите нивни грешки и престапите на нивните татковци. Поради долгото талкање низ пустината, често биле нестрпливи и се буделе. Меѓутоа, Бог не бил виновен што заземањето на Ханан толку многу се одложувало. На Бога уште повеќе му било жал отколку ним што не може веднаш да ги одведе во ветената земја и на тој начин да им ја покаже на сите народи својата силна моќ. Без доверба во Бога, горди и неверни, тие не биле подготвени да влезат во ветената земја. Тие во никој поглед не ја претставувале нацијата чијшто Бог е Господ, зашто им недостигал неговиот карактер - чистота, добрина и благонаклоност. Кога нивните татковци со доверба би прифатиле да ги води Бог, кога би ги држеле неговите закони и би живееле според неговите прописи, тие веќе одамна би се настаниле во ветената земја како напреден, свет и среќен народ. Одложувањето на нивното влегување во таа добра земја го обесчестувало Бога и ја намалувало неговата слава во очите на околните народи.

Мојсеј го разбирал карактерот и вредноста на Божјиот закон, па ги уверувал дека ниеден друг народ на светот нема толку мудри, праведни и благодатни законски одредби како што се овие, дадени на Евреите. „Ете", продолжил Мојсеј, „ви ги изнесов наредбите и законите што ми ги предаде мојот Господ Бог за да постапувате така во земјата во која влегувате за да ја наследите. И така, пазете ги и исполнувајте ги, зашто во тоа е вашата мудрост и вашиот разум пред очите на сите народи кои, откако ќе ги чујат сите тие наредби, ќе речат: 'Само еден народ е мудар и паметен, а тоа е овој голем народ.'"

Мојсеј вниманието на народот го насочил кон „оној ден кога 465
стоеше пред својот Господ Бог под Хорив". Потоа ги прашал собраните Евреи: „Има ли некој голем народ кому неговиот бог му се приближил толку како што е близок кон нас нашиот Господ Бог кога и да го повикаме? И има ли некој голем народ со такви праведни наредби и закони како целиот овој закон што ви го предавам денес?"

И денеска би можело да се повтори ова прашање упатено до Израел. Законите што му ги дал Бог на стариот Израел биле помудри, подобри и похумани од законите на најцивилизираните народи на земјата. Сите човечки закони содржат траги на слабост и страсти на необновеното срце; а Божјите закони носат Божји печат.

„А вас, пак, Господ Бог ве изведе од железната печка, од Египет, за да бидете негов народ, како што сте тоа денеска." Земјата во која

требало наскоро да влезат им била опишана со подолу наведените зборови, но можела да биде нивна само под услов на послушност кон Божјиот закон. Меѓутоа, колку силно ги возбудувале тие зборови срцата на Израелците кога помислувале дека токму Мојсеј, кој на толку живописен начин им ја прикажал ветената земја, нема да има дел во наследството на својот народ, и тоа поради нивниот грев:

„Зашто Господ, твојот Бог, те води во добра и богата земја", „која не е како египетската земја каде што сееше семе и го залеваше од нозе како зеленчукова градина, туку тоа е земја каде што има гори и долини и ја натопува небесен дожд"; „во земја каде што по полињата и планините течат потоци, а има и извори и езера; во земја која изобилува со пченица, со јачмен, лозја, смокви и калинки; во земја каде што има маслиново масло и мед; во земја каде што ќе јадеш леб во изобилство и каде што нема да чувствуваш никаков недостиг - во земја каде што камењата се железо и каде што од планините ќе копаш бакар."

„А кога твојот Господ Бог ќе те воведе во онаа земја за која им се заколна на твоите татковци - на Аврама, Исака и Јакова - дека ќе ти ја даде, земја со големи и убави градови што ти не си ги градел, и со куќи полни со секое добро со кое ти не си ги наполнил, и со ископани кладенци што ти не си ги копал, со лозја и маслинки кои
466 ти не си ги садел, и кога ќе почнеш да јадеш и да се наситиш - тогаш внимавај да не се одврати твоето срце и да го заборавиш Господа." „Пазете да не го заборавите заветот на Господа Бога кој ревнува." А доколку прават зло пред Божјите очи: „Бргу ќе ве снема од земјата во која одите преку Јордан да ја наследите" - нагласил Мојсеј.

Бидејќи јавно пред сите го повторил законот, Мојсеј го завршил пишувањето на сите прописи, одредби и казни што му ги соопштил Бог, како и правилата, односно жртвениот систем. Книгата во која сето тоа било содржано им е предадена на одговорни служители и, заради секоја сигурност, е ставена крај ковчегот. Меѓутоа, големиот водач сѐ уште се плашел дека неговиот народ би можел да отстапи од Бога. Во еден необично свечен и возбудлив говор им ги изложил благословите што ќе ги примат ако бидат послушни, како и проклетствата што ќе уследат како последица на непослушноста:

„Откако ќе минете на онаа страна на Јордан, во земјата што ви ја дава вашиот Господ Бог, ако го слушаш гласот на твојот Господ Бог, ако ги пазиш и ги извршуваш сите негови заповеди што ти ги заповедам денеска..., благословен ќе бидеш во градот и благословен во полето, благословен ќе биде плодот на твојата утроба, плодот на твојата земја и плодот на твојот добиток ..., благословени ќе бидат твоите житници и твоите остави. Благословен ќе бидеш кога влегуваш и благословен кога излегуваш. Господ ќе ги порази

пред тебе твоите непријатели кои се креваат против тебе ... Господ ќе прати благослов на твоите плодови и на секоја твоја работа.“

„Но, ако не го слушаш гласот на твојот Господ Бог и ако не ги пазиш и не ги исполнуваш сите негови заповеди и наредби што ти ги заповедам денес, ќе паднат врз тебе и ќе те снајдат сите овие проклетства.“ „И ќе станеш чудо, приказ и подигравка кај сите народи кај кои Господ Бог ќе те одведе.“ „И ќе те расее твојот Господ Бог по сите народи, од крајот до крајот на земјата, и таму ќе служиш на други богови кои не си ги знаел ниту ти, ниту твоите татковци - на дрво и камен ќе им служиш. Но и меѓу тие народи нема да здивнеш, ниту ќе има место каде што ќе се одмори твоето 467
стапало; таму Господ ќе ти даде срце плашливо и кратковидост на очите и душата ќе ти изнемошти. Твојот живот ќе виси пред тебе... Па наутро ќе кажеш: ’О што поскоро да се стемни’, а навечер ќе велиш: ’О што поскоро да се раздени’, од стравот со кој ќе се плаши твоето срце и од она што ќе го гледаш со свои очи.“

Со пророчко око, вдахнат, Мојсеј гледал низ вековите и ги опишал страшните сцени на конечната пропаст на Израел како народ и опустувањето на Ерусалим од страна на римската војска: „Господ ќе прати против тебе народ од далеку, од крајот на земјата; како орел ќе се спушти народ чијшто јазик ти не го разбираш - народ бездушен, кој не сака ни старо да почитува, ниту младо да помилува.“

Целосното опустување на земјата и страшните патила на народот за време на опсадата на Ерусалим под војсководителот Тит, што се исполниле по толку векови, се опишани мошне сликовито: Тој народ „ќе го изеде плодот на твојот добиток и плодот на твојата земја додека не те уништи... ќе те притеснува во сите твои градови додека не ги разруши во твојата земја твоите високи и силни ѕидови во кои ти се надеваше... и ти ќе ги јадеш чедата на својата утроба, плотта на своите синови и ќерки што ќе ти ги даде твојот Господ Бог во твојата теснотија во која ќе те натера твојот непријател. Жена нежна и мека меѓу вас, толку нежна и мека што не се осмелува стапалата да ги спушти на земја, ќе стане безмилосна спрема својот сакан маж, спрема својот син и ќерка ... спрема своите деца што ќе ги роди, зашто тајно ќе ги јаде, скудна во сè, поради неволјите и јадот со кои ќе те притисне твојот непријател во сите твои градови.“

Мојсеј завршил со следните впечатливи зборови: „Ви сведочам денес со небото и земјата дека ставив пред вас живот и смрт, благослов и проклетство; затоа, избери го животот за да живееш ти и твоето потомство. Да го сакаш твојот Господ Бог, да го слушаш неговиот глас и да се приврзеш за него, зашто тоа е твој живот и твоја долговечност; така ти ќе живееш на земјата за која Господ

Бог им се беше заколнал на твоите татковци - на Аврама, Исака и Јакова, дека ќе им ја даде.“

За да ги всади овие вистини што подлабоко во срцата на присутните, големиот водач ги изразил со свети стихови. Таа песна
468 била не само историска, туку и пророчка. Изнесувајќи го чудесното Божје постапување со својот народ во минатото, истовремено ги осветлил и значајните настани на иднината и конечната победа на верните кога Христос повторно ќе дојде во сила и слава. На народот му било наложено добро да ја запамети таа пророчка песна и да им ја пренесе на своите деца и на децата на своите деца. Таа песна морала да се пее кога народот ќе се собере на богослужение и да се повторува при поаѓањето на секојдневните должности. Должност на родителите била тие зборови да ги всадат во чувствителната душа на децата така за тие никогаш да не ги заборават.

Бидејќи Израелците во посебна смисла требало да бидат чувари на Божјиот закон, значењето на овие прописи и важноста на послушноста требало посебно да им се истакнат, а преку нив и на нивните деца и на децата на нивните деца. Во врска со законите и уредбите што им ги дал, Бог им наредил: „И пренесувај им ги на своите деца и говори за нив кога седиш дома и кога си на пат, кога си легнуваш и кога стануваш ... и напиши ги на довратниците на вашите куќи и на вашите врати.“

Подоцна, кога нивните деца ќе ги запрашаат: „Што значат тие заповеди, наредби и закони што ви ги заповеди вашиот Господ Бог?“, родителите треба да им ја повторат историјата на милозливото Божје постапување со нив - што сè Бог сторил заради нивното избавување за да можат да ги држат неговите закони - и да нагласат: „И ни заповеди Господ да ги исполнуваме сите тие наредби, да се боиме од нашиот Господ Бог за да ни биде добро во сите денови и да ни го сочува животот, како што се гледа денеска. И ќе уживаме милост ако се трудиме да ги извршуваме сите тие заповеди пред нашиот Господ Бог, како што ни заповеди.“

43

# СМРТТА НА МОЈСЕЈА

*Оваа глава е заснована на 5. Мојсеева 31 - 34 глава*

Покрај љубовта и милосрдието, во Божјето постапување со избраниот народ се забележуваат и најубедливи докази за неговата строга и непристрасна правда. Во врска со тоа, историјата на еврејскиот народ ни дава доста примери. Бог му дал на Израел големи благослови. Неговата нежна љубов кон нив е опишана мошне трогателно: „Како орел што бдее над гнездото, реејќи се над своите орлиња, така Тој ги шири крилјата, го зема, па го носи на своите пердуви.“ Меѓутоа, колку строго и бргу ги казнувал за нивните престапи!

Бесконечната Божја љубов се покажала во тоа што го дал својот единороден Син за да го спаси загубениот род. Христос дошол на земјата да им го открие на луѓето карактерот на својот Отец, и неговиот живот бил полн со дела на Божја нежност и милосрдие. А сепак, сам Христос изјавува: „Додека постојат небото и земјата, нема да исчезне ниту една јота или цртичка од законот“ (Матеј 5,18). Истиот глас што го повикува грешникот со трпливи и љубезни молби да му пристапи и во него да најде проштавање и мир на судот, на оние што ја презреле неговата милост ќе им нареди: „Одете од мене проклети“ (Матеј 25,41). Во целата Библија Бог се прикажува не само како нежен татко, туку и како праведен судија. Иако му е мила милоста и ги проштава „беззаконијата, неправдите и гревовите“, Тој сепак „не го правда виновникот“ (2. Мојсеева 34,7).

Големиот Владетел над сите народи изјавил дека Мојсеј нема да ги воведе Израелците во ветената земја, и ниту најсесрдните молитви на Божјиот слуга не можеле да ја преиначат таа одлука. Тој знаел дека мора да умре. А сепак, ниту за миг не се изморил во својата грижа за Израел. Верно настојувал да го приготви народот за влегување во ветеното наследство. По Божја заповед, Мојсеј и Исус Навин се упатиле кон Светилиштето, додека столбот од 470
облак стоел пред вратата. Тогаш народот свечено му е предаден

на грижа на Исуса Навина. Мојсеевото дело како водач на Израел било завршено; но во интерес на својот народ, тој сè уште заборавал на себе. Во присуство на собраниот народ тој, во Божје име му се обратил на својот наследник со следните зборови - со честитка и со света радост: „Биди слободен и храбар, зашто ти ќе ги воведеш синовите Израелови во земјата за која сум им се заколнал, и јас ќе бидам со тебе.“ А потоа им се обратил на старешините и кнезовите, доверувајќи им сериозна обврска верно да ги исполнуваат сите закони што им ги дал Бог преку него.

Посматрајќи го остарениот човек, кој набргу ќе го снема од нивната средина, народот повторно си спомнал со длабока благодарност за неговата татковска нежност, за неговите мудри совети и неуморен труд. Колкупати нивните гревови предизвикувале оправдани Божји казни, па сепак, Мојсеевите искрени молитви сториле Бог да ги поштеди. Нивната болка уште повеќе ја засилувала грижата на совеста. Горко каејќи се, си спомнувале дека токму нивната изопаченост го навела Мојсеја на грев поради кој сега морал да умре.

Исчезнувањето на нивниот омилен водач за Израелците ќе претставува многу поголем прекор од која и да е друга казна во случај Мојсеј да останал жив и да продолжил да ја исполнува својата задача. Бог сакал тие да почувствуваат дека не смеат да му го загорчуваат животот на својот иден водач, како што го правеле тоа со Мојсеја. Бог му зборувал на својот народ, на Израелците, преку своите благослови со кои ги опсипувал, а ако тие не се ценат, тогаш со скусување на истите ќе ги поттикне да ги увидат своите гревови и да му се вратат со сето срце.

Истиот ден на Мојсеја му е наредено: „Искачи се на гората Нево ... па погледни ја хананската земја што ќе им ја дадам во владение на Израелците, и умри на гората на која ќе се искачиш и придружи им се на своите предци.“ Мојсеј често излегувал од логорот кога требало да разговара со Бога; но овојпат требало да тргне на една нова и таинствена задача. Морал да замине и својот живот да го предаде во рацете на својот Творец. Мојсеј знаел дека ќе умре сам и дека на ниеден земен пријател нема да му биде дозволено да му се најде при рака во неговите последни мигови. Настанот што претстоел бил обвиен со таинственост и го исполнувал со страв, така што срцето му се стегало. Најтешко искушение било да се одвои од народот за кој се грижел и кој толку многу го сакал - од
471 народот со кој неговиот живот и неговите интереси толку долго биле поврзани. Но тој навикнал да има доверба во Бога и со непоколеблива вера ѝ се препорачал и себеси и својот народ на неговата милост и љубов.

Мојсеј последен пат стоел пред собраниот народ. И овојпат врз него слегол Божјиот Дух додека со возвишени и трогателни зборови му изрекувал благослови на секое племе поединечно и најпосле на сите заедно:

„Израеле! Никој не е како Бог кој се пронесува по небото, тебе на помош, и како великолепие на земјата. Единствениот Бог е твое прибежиште, и ти си под силата на неговите вечни мишки. Тој ќе го прогонува непријателот пред тебе и ќе рече: ’Истребувај!’ И кога ќе се насели Израел, ќе живее сам во земјата на Јакова, земја изобилна со жито и вино, а небото ќе му праќа роса. Блажен си ти, Израеле! Кој е како тебе, народ пазен од Господа, кој ти е штит закрилник кој те брани?“ (5. Мојсеева 33,26-29).

Потоа Мојсеј го напуштил собирот и молчејќи, сам се упатил по угорнината. Пошол „на горaта Нево, на врвот на Фазга“. На тој осамен врв застанал посматрајќи ја со бистро око сцената што се простирала пред него. Далеку на запад се виделе сините води на Големото Море (Средоземното Море, заб. на прев.); на север се издигнувал кон небото врвот на планината Хермон; на исток се наоѓала моавската долина, а уште понатаму Васан, сцената на израелскиот триумф; далеку на југ била пустината низ која толку долго талкале.

Во таа самотија Мојсеј се осврнал на својот живот во кој имало толку многу маки и неволји од оној ден кога им го свртил грбот на дворските почести и на предимството да седне на египетскиот престол со цел својата судбина да ја поврзе со судбината на избраниот народ. Си спомнал за оние долги години што ги поминал пасејќи ги стадата на Јотора во пустината, за појавата на ангелот „во пламенот од капината“ и како бил повикан да го ослободи Израел. Повторно ја согледал чудесната Божја моќ што се покажувала во полза на избраниот народ и неговото трпение и милост за сето 472
време на долгите години на талкањето и буните. И покрај сѐ што сторил Бог за нив, и покрај неговите лични напори и молитви, само два човека од толкаво мноштво Израелци кои излегле од Египет се нашле доволно верни да можат да влезат во ветената земја. Додека ги прегледувал резултатите на својот труд, на Мојсеја му се чинело дека животот, иако полн со искушенија и самопрегор, му поминал речиси напразно.

Меѓутоа, тој не се жалел поради тоа што носел товар. Знаел дека сам Бог ги определил неговите задачи и неговото дело. Кога првпат бил повикан да го изведе народот од Египет, се уплашил од одговорноста; но кога еднаш ја прифатил должноста, никогаш не се повлекол пред товарот. Дури и кога Господ му нудел да го ослободи од тешкотиите со тоа што ќе го уништи бунтовниот

Израел, тој не се согласил со тоа. Иако искушенијата му биле тешки, тој сепак уживал во посебните знаци на Божјата милост. За време на својот престој во пустината се здобил со богато искуство посматрајќи ги откровенијата на Божјата сила и слава во прегратките на неговата љубов; чувствувал дека било мудро што решил „да страда со Божјиот народ, отколку да ја ужива земната сладост на гревот“.

Гледајќи го искуството што го стекнал како водач на Божјиот народ, забележувал една флека во таа историја. Кога би можел да се избрише тој престап, мислел Мојсеј, тогаш тој не би се плашел од смртта. Меѓутоа, Бог му помогнал да се увери дека покајанието и верата во ветената Жртва е единственото што Тој го бара; и уште еднаш Мојсеј ја окајувал својата грешка и преколнувал за проштавање во Исусово име.

И тогаш пред него, како во панорама, се укажала глетка на ветената земја. Секој дел на таа земја му бил прикажан и тоа не матно и неодредено во маглива далечина, туку бистро, јасно и убаво на негова голема радост. Таа земја тој не ја видел онаква каква што стварно изгледала, туку каква ќе изгледа по преземањето од страна на Израелците и по добивањето на Божји благослов. Му се чинело како да гледа друга Едемска градина. Тука имало планини со ливански кедри, ритчиња покриени со сребренести маслинки и полни со миризливи винови лози; потоа широки зелени долини преполни со цвеќе и плодови. Имало и тропски палми, брановидни житни полиња, сончани долини низ кои кривулесто се извивале потоци и со своето жуборење ги надополнувале песните на птиците. Тука имало сјајни градови, раскошни градини и богати езера; на падините на горите паселе многубројни стада, а меѓу карпите се криело богатство на диви пчели. Тоа всушност била земјата каква што Мојсеј му ја опишувал на израелскиот народ под влијание на Божјиот Дух: „Нека ја благослови Господ неговата земја со многусакани небесни дарови, со роса и со подароци на бездната, што
475 лежи долу, со многусаканите плодови од сонцето и многусаканите плодови од месечината, со дарови од старите планини и со дарови од вечните ридови, и благовремено нека ти се исполнува со пријатни и богати плодови.“

Мојсеј видел како Божјиот избран народ се населува во Ханан и како секое племе живее на своето наследство. Потоа ја видел долгата и жална историја на својот народ кој ќе отпадне и ќе биде казнуван. Видел како поради своите гревови ќе биде расеан меѓу незнабошците. Видел како Израела го напушта славата, како нивните убави градови лежат во урнатини, а нивните жители како

робови ги водат во туѓина. Видел како повторно се враќаат во земјата на своите татковци и најпосле како паѓаат под власт на Рим.

Му било дозволено да гледа во иднината и да го види првото доаѓање на Спасителот. Го видел Исуса како дете во Витлеем. Ги чул гласовите на хоровите на ангели како му пеат пофални песни на Бога и објавуваат мир на земјата. Ја видел на небото ѕвездата која мудреците од исток ги довела кај Исуса, и неговата душа ја осветлила силна светлина кога се сетил на пророчките зборови: „Од Јакова излегува ѕвезда, од Израел се издигнува жезол кој ги разбива кнезовите моавски и ги сотира синовитеСитови“ (4. Мојсеева 24,17). Го видел Христовиот скромен живот во Назарет, неговата служба на љубов и сомилост, неговите исцелувања и како бил отфрлен од гордиот и неверен народ. Со чудење го слушал нивното фаленичко издигнување на Божјите закони, додека во исто време го отфрлиле Оној преку кого тој закон е даден. Го видел Исуса на Маслинската гора како со солзи се проштава од својот омилен град. Срцето на Мојсеја се стегало од болка, а низ неговите образи се тркалале дробни солзи од жалост за Божјиот Син кога видел дека народот, толку благословен од небото, конечно ќе биде отфрлен - народот за кој тој толку многу работел, се молел и се жртвувал, заради кој дури се согласил и името да му биде избришано од книгата на животот. Најболно го растажиле зборовите: „Ете, вашата куќа ќе ви остане пуста“ (Матеј 23,38).

Го следел Спасителот во Гетсиманија, ја видел неговата душевна борба, предавството, подбивањето, камшикувањето - распнувањето. Мојсеј видел дека, како тој во пустината што подигнал змија, така и Божјиот Син мора да биде подигнат „за ниеден кој верува во него да не загине, туку да има живот вечен“ (Јован 3,15). Срцето на Мојсеја го исполнувале болка, негодување и ужас кога видел 476
како еврејскиот народ покажува лицемерство и сатанска омраза кон својот Избавител, кон силниот Ангел кој во столбот од облак одел пред нивните татковци. Го слушнал претсмртниот Христов извик: „Боже мој, Боже мој, зошто ме напушти?“ (Марко 15,34). Видел како Спасителот лежи во новиот Јосифов гроб. Тогаш му се чинело дека светот е обвиен со темнина на безнадежност и очај. Но, погледнувајќи уште еднаш, го видел Исуса како победник кој води мноштво заробеници и во придружба на ангели заминува на небото. Видел како се отвора блескотна капија да го прими и како небесните војски го поздравуваат својот Заповедник со триумфални песни. Во таа пригода му било откриено дека и тој ќе биде меѓу оние кои ќе го пречекаат Спасителот и ќе му ја отворат вечната врата. Додека ја посматрал таа сцена, неговото лице блескотело со свет сјај. Сите негови жртви и искушенија му изгледале ниш-

тожни во споредба со жртвите и искушенијата на Божјиот Син, и наполно безначајни мерени со „извонредно големата и вечна слава“ (2. Коринќаните 4,17). Се радувал што можел макар и делумно да учествува во Христовите патила.

Мојсеј ги видел и Христовите ученици како заминуваат во светот да го шират евангелието. Видел како телесниот Израел го изневерил својот висок позив со кој Бог го почестил; со своето неверство пропуштиле да бидат светлина на светот; меѓутоа, иако тие ја презреле Божјата милост и ги проиграле благословите што можеле да ги имаат како одбран народ - Бог сепак не го отфрлил семето на Аврама; величествените намери што сакал да ги оствари преку Израел морале да се исполнат. Во Аврамовото потомство ќе бидат вброени сите кои преку Христа ќе станат деца на верата; тие ќе бидат наследници на заветот; слично на Аврама, и тие се повикани да му го објаснат на светот Божјиот закон и евангелието на неговиот Син. Мојсеј видел како светлината на евангелието преку Христовите ученици ги осветлува народите „што се наоѓаат во темнина“ (Матеј 4,16) и како илјадници луѓе од незнабожечките земји пристапуваат кон нејзините зраци што се раѓаат. Посматрајќи го сето тоа, тој се радувал за развитокот и напредокот на Божјиот Израел.

А потоа му е покажана уште една сцена. Видел како сатаната
ги наведувал Евреите да го отфрлат Христа, додека истовремено
тврделе оти го почитуваат законот на неговиот Отец. Потоа го ви-
477 дел христијанскиот свет во слична заблуда - го признаваат Христа,
а го отфрлаат Божјиот закон. Исто како еврејските свештеници и старешини што барале Христос да се уништи и избезумено викале, „Земи го, распни го!“, Мојсеј чул и како божемните христијански учители викаат: „Законот е укинат!“ Видел како саботата е погазена, а наместо неа воспоставена една лажна уредба. И повторно Мојсеј се зачудил и се вчудовидел. Како можат оние што тврдат дека веруваат во Христа да го отфрлат законот кој токму Тој го објавил од светата гора? Како воопшто може некој, кој се бои од Бога, да го запоставува неговиот закон кој е основа на неговото владеење на небото и земјата? Меѓутоа, Мојсеј со радост ќе забележи дека едно верно малцинство сè уште го почитува и го издигнува Божјиот закон. Го видел последниот голем налет на земните сили со намера да ги уништат оние што го држат Божјиот закон. Го согледал времето кога Бог ќе стане да ги казни земните жители за нивното беззаконие и да ги засолни оние кои се бојат од неговото име. Чул како Бог склучува завет на мир со оние што го држеле неговиот закон, и видел како одгласот на тие зборови од неговиот свет стан ги потресува и небото и земјата. Го видел второто Хрис-

тово доаѓање во слава, видел како праведните стануваат во вечен живот, а живите свети се преобразуваат, без да вкусат смрт, и со радосни песни заедно се издигнуват кон Божјиот град.

Пред неговите очи се покажала уште една сцена - земјата ослободена од проклетството, поубава од прекрасната ветена земја која непосредно се простирала пред него. Во неа нема грев, ниту смрт. Тука спасените народи наоѓаат своја вечна татковина. Со неискажлива радост Мојсеј ја посматрал таа сцена - конечното ослободување, пославно од она што неговите најсмели надежи кога било го насликале. Земното талкање засекогаш е завршено, а Божјиот Израел најпосле влегува во добрата - нова земја.

Најпосле визијата ја снемало и неговиот поглед повторно се свртил кон хананската земја која се простирала пред него. Тогаш Мојсеј, како некаков уморен патник, легнал да се одмори. „И умре таму Божјиот слуга Мојсеј, во моавската земја, по Божја заповед. И го закопа Тој во долината наспроти Ваал-Фегор, и до денешен ден никој не дозна за неговиот гроб.“ Мнозина, кои не сакале да ги слушаат Мојсеевите совети додека бил жив, би дошле во опас- 478
ност да го обожаваат неговото мртво тело кога би знаеле каде е закопано. Од таа причина ова место останало скриено од луѓето. Но Божјите ангели го закопале телото на неговиот верен слуга и го чувале осамениот гроб.

„И не се појави веќе таков пророк во Израел, како Мојсеј, кого Господ го познаваше лице в лице; со такви знаци и чудеса за кои го беше пратил Господ ... Чудесни се и големи тие дела што Мојсеј ги изврши пред целиот Израел, со силна рака и со цврста мишка.“

Кога Мојсеевиот живот не би бил извалкан со оној единствен грев, кога пропуштил да му оддаде чест на Бога при изведувањето на вода од карпата, Мојсеј би можел да влезе во ветената земја, и без да вкуси смрт да биде пренесен на небото. Неговото тело сепак не требало долго да остане в гроб. Сам Христос, со ангелите што го закопале Мојсеја, дошол од небото да го разбуди заспаниот пророк. Сатаната ликувал кога успеал да го наведе Мојсеја на грев против Бога и да го подложи на смртта. Големиот непријател тврдел дека Бог му дал власт над мртвите кога ја изговорил осудата: „Зашто си прав и во прав ќе се вратиш“ (1. Мојсеева 3,19). Моќта на смртта и гробот никој до тогаш не ја скршил, и над сите што биле во гроб тој полагал право како на свои робови кои никогаш не можат да се ослободат од неговата мрачна темница.

Сега Христос првпат имал намера да му го врати животот на умрениот. И додека Кнезот на животот, во придружба на блескотни ангели, се приближувал кон гробот, сатаната треперел од страв да не ја загуби власта. Со своите лоши ангели се приготвил да го

оспори правото на упад во областа што ја сметал само за своја. Се фалел дека Божјиот слуга станал негов заробеник. Изјавувал дека дури ни Мојсеј не можел да го одржи Божјиот закон, дека ги присвоил почестите што му припаѓаат на Јехова - го сторил истиот грев поради кој и сатаната бил истеран од небото - па поради тој престап потпаднал под власт на сатаната. Праисконскиот предавник ги повторувал истите обвинувања што веќе ги изнесувал против Божјето владеење и повторно се жалел против Божјата неправедност кон него.

Христос не се впуштал во расправа со сатаната. Тој можел да наведе како делото на сатаната предизвикало страшни зла на небото и одвело во пропаст голем број негови жители. Можел да го потсети на лагата што ја изговорил во Едемската градина која го
479 навела Адама на грев и му донела смрт на целиот човечки род. На сатаната можел да му обрне внимание и на тоа дека - токму тој ги наведувал Израелците на бунт и незадоволство, што најпосле го потрошиле големото трпение на нивниот водач, па во еден миг на слабост паднал во грев поради кој потпаднал под власт на смртта. Меѓутоа, Христос сето тоа му го препуштил на својот Отец, велејќи: „Господ нека ти заповеди да замолчиш" (Јуда 9). Спасителот не се впуштал во препирање со својот противник, туку веднаш на самото место почнал да ја ограничува моќта на паднатиот непријател, давајќи му на умрениот живот. Во тоа се видела надмоќноста на Божјиот Син која сатаната во никој случај не можел да ја оспори. Воскресението било обезбедено еднаш засекогаш. На сатаната му бил оттргнат неговиот плен, а на умрените праведници им е овозможено повторно да живеат.

Мојсеј поради гревот потпаднал под власт на сатаната. Според своите сопствени заслуги бил законит заробеник на смртта, но повикан е во бесмртен живот благодарение на правото што му го обезбедиле заслугите на Спасителот. Мојсеј станал прославен од гробот и се вознел во Божјиот град заедно со својот Ослободител.

Освен во случајот на жртвувањето на Христа, Божјата љубов и правда никогаш не се покажале толку комплетно како во неговото постапување со Мојсеја. Бог го исклучил Мојсеја од Ханан за да даде поука што никогаш не треба да се заборави - дека Тој бара строга послушност и дека луѓето мора да пазат да не си ја припишат себеси честа што му припаѓа на нивниот Творец. Тој не можел да ја прими Мојсеевата молитва да добие дел во наследството на Израел, но сепак, не го заборавил својот слуга ниту го напуштил. Небесниот Бог ги сфатил патилата што Мојсеј морал да ги поднесе. Тој забележал секоја постапка на верна служба во текот на долгите години на тешкотии и искушенија. На врвот на

Фазга, Бог Мојсеја го повикал во неизмерно преславно наследство отколку што бил земниот Ханан.

На Горатa на преобразувањето Мојсеј се појавил заедно со Илија кој бил вознесен без да вкуси смрт. Ги пратил Отецот на неговиот Син да му однесат светлина и слава. Така најпосле била примена молитвата на Мојсеја што ја упатил пред многу векови. Стапнал со своја нога на „прекрасната гора“ (5. Мојсеева 3,25) која станала составен дел на наследството на неговиот народ и разговарал со Оној кон кого се сосредоточени сите ветувања дадени на Израел. Тоа била последна сцена откриена на човечкото око, односно на историјата на овој човек кого небото високо го ценело.

Мојсеј бил Христова претслика. Самиот тој им рекол на Изра- 480
елците: „Твојот Господ Бог ќе ти подигне пророк од твоите браќа, како мене - него слушајте го“ (5. Мојсеева 18,15). Бог видел дека е потребно Мојсеј да помине низ школа на страдања и лишувања за да се оспособи да ги поведе израелските чети во земниот Ханан. А Божјиот Израел на својот пат кон небесниот Ханан има Војсководител на кого не му е потребна никаква земна подготовка за да се оспособи за Божји водач; а сепак, и Тој бил усовршен низ страдања, „зашто во она, во што самиот претрпе, откако беше искушан, во тоа ќе може и на искушаните да им помогне“ (Евреите 2,18). Кај нашиот Спасител немало човечки слабости ниту несовршености, а сепак умрел за нам да ни овозможи пристап во ветената земја.

„Мојсеј навистина беше верен во сета Божја куќа во својство на слуга, да сведочи за она што требаше Бог да го објави, додека Христос е верен во својство на Син и стои над Божјата куќа. А пак негов дом сме ние, само ако слободата и надежта, со кои се фалиме, ги запазиме до крај“ (Евреите 3,5.6).

44

# ПРЕМИН НИЗ РЕКАТА ЈОРДАН

*Оваа глава е заснована на Исус Навин 1 - 4 глава и 5,1-12*

Израелците длабоко жалеле за својот преминат водач и триесет дена посветиле на посебна служба во знак на сеќавање на него. Никогаш порано, додека бил меѓу нив, не ја сфаќале така вредноста на неговите мудри совети, неговата татковска нежност и непоколеблива вера. Со нова и подлабока почит си спомнувале за драгоцените поуки што им ги давал додека бил жив.

Мојсеј бил мртов, но неговото влијание не исчезнало заедно со него; требало и понатаму да живее и да дејствува во срцето на народот. Уште долго тие ќе го носат во себе споменот на тој свет и несебичен живот кој и натаму со својата тивка и убедлива сила ги менувал и ги обликувал - дури и оние што не сакале да го слушаат додека бил жив. Како сјајот на зајдисонцето што ги милува височините на горите, иако сонцето одамна веќе исчезнало од видикот, така делата на чистите, свети и добри луѓе ја шират светлината во светот дури и многу години по нивната смрт. Нивните дела, нивните зборови и пример вечно живеат. „Праведникот ќе се споменува секогаш“ (Псалм 112,6).

Иако биле обземени од болка поради својата голема загуба, Израелците знаеле дека нема да бидат препуштени сами на себе. Преку ден сè уште над Светилиштето стоел столбот од облак, а преку ноќ од оган, што претставувало доказ дека Бог и понатаму ќе биде нивни водач и помошник, се разбира, ако ги држат неговите заповеди.

Од сега Исус Навин бил признат водач на Израел. Тој посебно бил познат како воин, и неговите дарови и способности во тој миг на историјата на неговиот народ биле исклучително драгоцени. Храбар, решителен и истраен, непоткуплив, заборавајќи на себе во грижата за оние што му биле доверени, а над сè вдахнат со жива вера во Бога - тоа биле карактерни црти на човекот што го избрал Бог да ги предводи израелските чети при влегувањето во ветената

земја. За сето време на нивниот престој во пустината, тој бил прв 482
Мојсеев советник; неговата тивка и искрена верност и истрајност, постојаноста кога мнозина се колебале, цврстината да остане на страна на вистината дури и за време на опасностите, укажувале на тоа дека е погоден за Мојсеев наследник уште пред Бог да го повика да ја заземе таа висока положба.

Исус Навин со најголема загриженост и без самоувереност гледал на задачата што се наоѓала пред него, но неговата доза на плашливост била отстранета со Божјето ветување: „Ќе бидам со тебе како што бев со Мојсеја; нема да отстапам од тебе ниту ќе те напуштам, зашто ти ќе му ја предадеш на тој народ во наследство земјата за која им се заколнав на нивните татковци дека ќе им ја дадам." Ним требало да им припадне сета земја до ливанските гори, до брегот на Средоземното Море и до брегот на реката Еуфрат на исток.

Кон тоа ветување веднаш е придодадена и заповед. „Само биди слободен и храбар да држиш и да твориш сè по законот што ти го заповеди мојот слуга Мојсеј." Божјето упатство гласело: „Нека не се разделува од устата твоја книгата на овој закон, туку размислувај за него ден и ноќ." „Не отстапувај од него ниту надесно ниту налево за да напредуваш секаде каде што ќе појдеш."

Израелците сè уште се наоѓале на источниот брег на Јордан, кој претставувал прва пречка при освојувањето на Ханан. Првата Божја порака упатена до Исуса Навина гласела: „Стани, премини преку тој Јордан ти и сиот тој народ во земјата што им ја давам на синовите Израелови." Што се однесува до начинот на кој требало да ја преминат реката, не му било дадено никакво упатство. Меѓутоа, Исус Навин добро знаел дека кога Бог нешто ќе нареди, Тој секогаш ќе најде и начин неговиот народ да ја изврши таа заповед. Со таква вера бестрашниот водач веднаш почнал со подготовки за тргнување.

Неколку километри од другата страна на реката и токму спроти местото каде што Израелците биле улогорени се наоѓал големиот и добро утврден град Ерихон. Тој град всушност бил клуч за целата земја, па за Израелците значел сериозна пречка. Затоа Исус Навин пратил двајца млади луѓе да го извидат градот за да видат колку жители има, колку богатство и какви му се тврдините. Жителите на градот, исплашени и недоверливи, постојано
биле претпазливи, и пратениците се нашле во голема неволја. Ги 483
засолнила Рава, жена од Ерихон, изложувајќи се на опасност. За да ѝ се оддолжат за нејзината добрина, ѝ ветиле дека ќе ја поштедат кога ќе го заземаат градот.

Извидниците безбедно се вратиле со извештај: „Господ, нашиот Бог, ја предаде целата таа земја во наши раце, и сите жители на таа земја се уплашени од нас.“ Во Ерихон им било кажано: „Чувме дека Господ Бог ја исушил пред вас водата во Црвеното Море кога сте доаѓале од Египет, и како сте постапиле со двајцата аморејски цареви од онаа страна на Јордан, Сион и Ог, кои сте ги погубиле. Кога го чувме тоа, срцето ни се стегна и во никого од нас не остана дух против вас, зашто вашиот Господ Бог е Бог горе на небото и долу на земјата.“

Тогаш Исус Навин издал наредба за тргнување. Народот требало да се снабди со храна за три дена, а војската да се приготви за војна. Сите радо го прифатиле планот на водачот, уверувајќи го дека ќе имаат доверба во него и дека ќе му помогнат. „Ќе сториме сè што ќе ни заповедиш и ќе одиме секаде каде што ќе нè пратиш; како што го слушавме Мојсеја, така ќе те слушаме и тебе, само твојот Господ Бог да биде со тебе, како што беше со Мојсеја.“

Напуштајќи го логорот во багремарникот во Ситим, војската се спуштила до брегот на Јордан. Меѓутоа, сите знаеле дека без Божја помош не ќе можат да преминат на другата страна. Во тој период од годината, пролет, поради истопениот снег, водата во Јордан била толку надојдена, што се излевала од речното корито, па не било можно реката да се прегази на оние места на кои тоа обично се правело. Бог сакал преминот на Израелците низ Јордан да остане забележан како чудо. По Божје упатство, Исус Навин му наложил на народот да се посвети. Морале да ги отфрлат сите гревови и да се очистат од секоја надворешна нечистотија. „Зашто утре Господ ќе направи чудеса меѓу вас.“ Ковчегот на заветот требало да оди пред нив. Кога виделе дека знакот на Божјето присуство
484 тргнува од средината на логорот и дека свештениците го носат кон реката, тогаш „се упатија и тие по нив“. Околностите под кои ќе ја прегазат реката биле точно претскажани. „По ова ќе познаете дека живиот Бог е среде вас и дека навистина ќе ги истера пред вас Хананците...“, рекол Исус Навин. „Ете, ковчегот на заветот на Господа на целата земја ќе тргне пред вас преку Јордан.“

Во определеното време тргнале; пред колоната свештениците го носеле ковчегот на заветот. На народот му било заповедано да се придржува на извесно растојание од ковчегот на заветот, така што меѓу нив и ковчегот се наоѓал простор од околу еден километар. Сите посматрале со најголемо внимание како свештениците пристапуваат кон брегот на Јордан. Виделе како тие со светиот товар решително зачекориле во силниот и пенлив ток на реката и „ги натопија нозете на крајот од водата“. Наеднаш, во тој миг

сета водена маса спротиводно од тоа место се запрела, а другата истекла, оставајќи го зад себе коритото на реката суво.

По Божја наредба свештениците дошле до средината на реката и тука се задржале сè додека сета војска не преминала на другиот брег. Така во душата на сите присутни е врежан фактот дека Јордан го запрела истата онаа сила која на нивните татковци пред четириесет години им отворила пат низ Црвеното Море. Откако преминал сиот народ, и ковчегот на заветот е пренесен на западниот брег. Кога свештениците преминале на сигурно место - штом „стапнаа со својата нога на суво“ - заробената вода била ослободена и таа како буица пак потекла со својот природен ток.

Идните поколенија не смееле да останат без видливо сведоштво за ова големо чудо. Додека свештениците со ковчегот уште стоеле среде реката, дванаесетмина однапред одбрани луѓе, по еден од секое племе, зеле по еден камен од речното дно и го понеле на западниот брег на реката. Од тие камења требало да се направи споменик на она место од другата страна на реката каде што првпат ќе се улогорат. На народот му било наредено на своите деца и внучиња да им ја прераскажуваат историјата за чудесното ослободување што го извел Бог за нив, како што рекол Исус Навин: „За да видат сите народи на земјата дека раката Господова е силна, и да го почитувате вашиот Господ Бог во секое време.“

Влијанието на тое чудо и врз Евреите и врз нивните непријатели имало големо значење. За Израелците тоа било гаранција дека Бог е постојано со нив и дека ги штити - доказ дека Тој за 485
нив, преку Исуса Навина, ќе го прави истото она што го правел и преку Мојсеја. Таквиот доказ бил неопходен да ги охрабри и да ги засили нивните срца во мигот кога ќе пристапат кон освојување на Ханан - вчудовидувачки потфат пред кој пред четириесет години се поколебала верата на нивните татковци. Непосредно пред преминот на реката Господ му рекол на Исуса Навина: „Денеска почнувам да те издигнувам пред очите на сиот Израел за да познаат дека ќе бидам со тебе како што бев со Мојсеја.“ Тоа ветување се исполнило. „Во тој ден Господ го возвеличa Исуса пред целиот Израелов народ и почнаа да се бојат од него како што се боеја од Мојсеја, сè додека беше жив.“

Оваа појава на Божјата моќ во полза на Израелците била потребна и затоа да го зголеми стравот кај околните народи и на тој начин да го приготви патот за нивна полесна и поцелосна победа. Кога аморејските и хананските цареви чуле дека Бог пред синовите Израелови ги запрел водите на Јордан, нивното срце се „стопи“ од страв. Не поминало долго време откако Евреите ги погубиле петте мадијански цареви, аморејскиот цар, силниот Сион и васан-

скиот цар Ог, а сега преминот низ надојдениот и пенлив Јордан, ги исполнил сите околни народи со вчудовиденост. На Хананците, на сиот Израел и лично на Исуса Навина им е даден несомнителен доказ дека живиот Бог, Царот на небото и земјата, навистина е меѓу својот народ и дека нема да ги остави ниту да отстапи од нив.

Недалеку од Јордан, Евреите го подигнале својот прв логор во Ханан. Тука „Исус го обрежа сиот народ“. „И синовите Израелови, престојувајќи во логор во Галгал, славеа Пасха.“ Привременото укинување на обрезанието од времето на бунтот во Кадес, за Израелците било постојано сведоштво дека е раскинат нивниот завет со Бога. И прекинувањето на празнувањето на пасха, споменот на нивното ослободување од Египет, исто така претставувало очигледен доказ за тоа со какво негодување Господ ја гледа нивната желба да се вратат назад во земјата на своето робување. Но сега поминале годините на отфрленост. Бог уште еднаш ги признал Израелците како свој народ и знакот на заветот повторно е воспоставен. Чинот обрезание е извршен над сите што биле ро-
486 дени во пустината. И Господ му рекол на Исуса Навина: „Денеска го симнав од вас египетскиот срам“, и како спомен на тоа, местото на нивниот логор е наречено Галгал, „симнува“ (симнување на срамот, заб. на прев.)

Незнабожечките народи го срамеле Господа и неговиот народ поради тоа што Евреите не успеале, како што очекувале овие, да го освојат Ханан веднаш по своето излегување од Египет. Нивните непријатели ликувале што Израелците толку долго талкале низ пустината и подбивно зборувале како еврејскиот Бог не е во состојба да ги воведе во ветената земја. Но сега Господ видливо ја открил својата моќ и одобрување, отворајќи го Јордан пред сите народи, и нивните непријатели не можеле веќе да ги срамат.

„Четиринаесеттиот ден тој месец, навечер“, празнувана е Пасха во ерихонското поле. „И на вториот ден по Пасха почнаа да јадат од пченицата на таа земја - бесквасни лебови и печени зрна во истиот ден; и маната престана да паѓа во тој ден, откако почнаа да јадат од житото на таа земја; и веќе немаше мана кај синовите Израелои; во таа година тие јадоа од плодовите на хананската земја.“ Долгите години на нивното талкање низ пустината биле приведени кон крај. Најпосле Израел стапнал со своја нога на почвата на ветената земја.

# 45

# ПАДОТ НА ЕРИХОН

*Оваа глава е заснована на*
*Книгата на Исус Навин 5,13-15 и 6 - 7 гл.*

Израелицте стапиле во Ханан, но уште не го зазеле; и според сите човечки проценки, борбата за освојување на земјата требало да биде долга и тешка. Таа била населена со народи на силна раса, готови да му се противстават на влегувањето на нивна територија. Разни племиња од страв пред заедничката опасност се соединиле. Нивните коњи и железни бојни коли, нивното познавање на земјата и воената вештина, им давале големо предимство. Покрај тоа, земјата била заштитена со тврдини - „со големи градови заградени до небото“ (5. Мојсеева 9,1). Израелците можеле да се надеваат дека како победници од претстојната борба ќе излезат само со помош на онаа сила која не била нивна.

Една од најголемите тврдини во земјата, големиот и богат град Ерихон, лежел непосредно пред нив на незначителна оддалеченост од нивниот логор во Галгал. На работ на една плодна рамнина што обилувала со богатство на разни тропски плодови, овој горд град, со своите палати и храмови полни со раскош и пороци, зад своите масивни тврдини му пркосел на Израеловиот Бог. Ерихон бил еден од центрите на идолопоклоничката служба, посебно посветен на богињата на Месечината, Астарота. Тука било концентрирано сè што било најодвратно и најизопачено во верата на Хананците. Израелскиот народ, сеќавајќи се живо на страшните последици на својот неодамнешен грев со Ваал-Фегора, го посматрал овој незнабожечки град со одвратност и гроза.

Исус Навин увидел дека заземањето на Ерихон ќе мора да претставува прв чекор при освојувањето на Ханан. Но пред сè сакал да има гаранција - Божје водство - и тоа му било дадено. Кога се повлекол од логорот на тајна молитва да побара Израеловиот Бог да оди пред својот народ, видел еден вооружен борец со величествена става и со заповедничко држење, „со гол меч во раката“. На 488

своето прашање: „Дали си наш или од нашите непријатели?“, Исус Навин добил одговор: „Не, јас сум Водачот на војската Господова, сега дојдов овде.“ Заповедта, слична на онаа што ја добил Мојсеј на горатa Хорив: „Собуј ги обувките од нозете, зашто местото на кое стоиш е света земја“, го открила вистинскиот карактер на овој таинствен странец. Големиот и возвишен Водач, кој стоел пред водачот на Израел, бил лично Христос. Обземен со страхопочит, Исус (Навин) паднал на своето лице и се поклонил. Потоа добил ветување: „Еве, ти го давам во раце Ерихон, неговиот цар и неговите јунаци“, и примил упатство за заземање на градот.

Прифаќајќи ја Божјата заповед, Исус Навин ја приготвил Израеловата војска. Не смеел да биде преземен никаков напад. Едноставно требало само да кружат околу градот, носејќи го пред себе ковчегот на заветот и трубејќи во труби. На чело оделе борците, чета одбрани луѓе, не затоа за да победат со својата воена вештина и јунаштво, туку со послушност кон упатствата добиени од Бога. Зад нив чекореле седум свештеници со труби. Потоа, опкружен со сјаен ореол на Божја слава, на рацете на свештениците облечени во одежди што ја означувале нивната света служба, е носен ковчегот на Божјиот завет. Најпосле одела Израеловата војска, секое племе под своето знаме. Вака изгледала поворката што го обиколувала осудениот град. Освен тупотот на силните чети и свечениот звук на трубите кои од околните ритчиња се одгласувале низ ерихонските улици, не се слушнал никаков друг глас. Кога обиколувањето околу градот било завршено, војската во тишина се вратила во своите шатори, а ковчегот на заветот бил однесен на своето место во шаторот за состанок.

Со чудење и со сè поголем немир стражарите на градот посматрале секое движење и ги известувале своите старешини. Тие не го сфатиле значењето на толку големото растурливо движење и парадирање; но кога виделе како силните чети секој ден со светиот ковчег на заветот и со свештениците го обиколуваат градот, оваа таинствена сцена го исполнила срцето на народот и на свештениците со страв. Повторно ги испитале своите силни тврдини и се увериле дека тие можат да му пркосат и на најсилниот напад. Мнозина ја исмевале помислата дека со ова едноставно обиколување може нешто да им се наштети. Други ја губеле храброста штом би ја виделе поворката која секој ден го обиколувала нивниот град. Тие си спомнале како некогаш Црвеното Море се разделило пред овој народ и како неодамна им е направен пат низ Јордан. Не знаеле какво уште чудо Бог ќе стори за нив.

Шестиот ден израелските чети на ист начин го обиколувале градот. Осамнал и седмиот ден и Исус Навин ја приготвил Господо-

вата војска. Сега добиле наредба Ерихон да го обиколат седум пати 491
и потоа, кога ќе слушнат силно трубење на трубите, да повикаат со сиот глас, зашто Бог ќе им го даде градот.

Огромната војска свечено ги обиколувала ѕидовите на осудените на пропаст. Сè било тивко, само се слушнал одмерен тупот на мноштво чекори и веќе вообичаениот звук на трубите кој ја нарушувал тишината рано изутрината. Масивните ѕидови од цврст камен како да му пркоселе на налетот на овие луѓе. Стражарите на ѕидовите гледале со сè поголем страв долу кога по првото обиколување уследило второ, потоа трето, четврто, петто и шесто. Што би можело да биде цел на ова таинствено движење? Каков страшен настан им претстои? Не смееле подолго да чекаат. Кога е завршен седмиот круг, силната колона застанала мирно. Трубите, кои извесно време замолкнале, затрештиле повторно со таква сила, што дури и земјата се потресла. Цврстите камени ѕидови со своите силни кули се потресле и се поместиле во своите темели, па со силен шум и со ужасен трескот се урнале на земјата. Жителите на Ерихон биле целосно парализирани од страв, а израелските чети непречено влегле и го зазеле градот.

Сите жители на градот и сè живо што се наоѓало во него, „мажите и жените, старо и младо, воловите, овците и магарињата", морале да ги убијат со меч. Била поштедена само верната Рава и нејзиното семејство, зашто тоа ѝ го ветиле извидниците. Градот бил спален. Неговите палати и храмови, величествените згради со сите нивни раскошни украси, со богати драперии и скапоцени облеки, биле проголтани во пламенот. Сè што не можело да се уништи со оган - „сето сребро и злато и сите садови од бакар" - морале да бидат посветени на службата во шаторот за состанок; па
дури и почвата на која бил изграден градот, била проклета. Ерихон 492
никогаш веќе не бил изграден како тврдина. Над секого кој би се осмелил повторно да ги гради ѕидовите што ги урнала Божјата моќ, била изречена казна. Во присуство на сиот народ била дадена свечена изјава: „Проклет да биде пред Господа оној што ќе го издигне и изгради овој град Ерихон; врз првородениот свој син тој ќе ги положи неговите основи и врз најмалиот свој син ќе ги постави неговите порти!"

Целосното уништување на ерихонските, односно на хананските жители, било само извршување на заповедта однапред дадена преку Мојсеја: „И кога ќе ги разбиеш, сотри ги" (5. Мојсеева 7,2). „Но, во градовите на оние народи што ти ги дава твојот Господ Бог да ги наследиш, не оставај ниту една жива душа" (5. Мојсеева 20,16). На мнозина овие заповеди им изгледаат спротивни на духот на љубовта и милосрдието, на она на што се укажува во други делови

на Библијата. Но, всушност, тоа е она што го барала бесконечната мудрост и правда. Населувајќи ги Израелците во Ханан, Бог имал намера тие како нација да развијат систем на владеење што би претставувало манифестација на неговото царство на земјата. Тие требало да бидат не само наследници на вистинската вера, туку и нејзините начела да ги рашират по цела земја. Хананците потонале во најодвратно и најниско незнабоштво, па било неопходно земјата да се очисти од она што навистина го спречувало исполнувањето на Божјите милостиви намери.

На жителите на Ханан им била дадена доволна можност за покајание. Четириесет години пред тоа, отворањето на Црвеното Море и казнувањето на Египќаните претставувале непобитен доказ за надмоќта на Израеловиот Бог. А сега, победата над мадијанските цареви, над Галад и Васан, и понатаму покажувала дека Јехова е над сите богови. Светоста на неговиот карактер и неговата одвратност кон нечистотата се покажале во казните што ги снашле Израелците поради нивното учествување во гнасните обреди на службата на Ваал-Фегора. Сите тие настани им биле добро познати на жителите на Ерихон. А имало многу и такви кои исто како и Рава биле осведочени дека Израеловиот Бог е „еден Бог и на небото и на земјата“, но не сакале тоа да го признаат и да му се покоруваат. Слично на претпотопните луѓе, Хананците живееле само затоа да го исмеваат Небото и да ја скврнават земјата. И љубовта и правдата барале овие одметници од Бога и непријатели на човечкиот род да бидат што побргу уништени.

Колку лесно небесните војски ги урнале ѕидовите на Ерихон, на
493 тој горд град, чиишто тврдини четириесет години пред тоа толку страшно ги уплашиле срцата на неверните извидници. Семожниот Израелов Бог рекол: „Еве, ти го давам во раце Ерихон.“ Против тие зборови секоја човечка сила била немоќна.

„Со вера паднаа ерихонските ѕидови“ (Евреите 11,30). Водачот на Господовите војски зборувал само со Исуса Навина; Тој не му се открил на сиот народ на Израелците на кои им било препуштено да им веруваат на зборовите на Исуса Навина или да се сомневаат во нив, да им се покоруваат на наредбите што ги давал Бог преку него или да го отфрлат неговиот авторитет. Тие не можеле да ја видат војската на ангелите што ги придружувала под водство на Божјиот Син. Можеле да помислат: „Каков е тој бесмислен и смешен потфат - да се обиколуваат градските ѕидови трубејќи во труби од овенски рогови. Тоа не може да има никакво влијание врз оваа силна тврдина.“ Меѓутоа, токму тоа едноставно продолжување на оваа церемонија, сè до уривањето на ѕидовите, на многу Израелци им дало можност да ја зацврстат и да ја покажат својата

вера. Требало да им се вреже во духот фактот дека нивната сила не зависи од човечката мудрост и моќ, туку дека нивното спасение лежи единствено во Бога. Требало да се навикнат потполно да имаат доверба во силата на својот небесен Водач.

Бог многу ќе стори за сите што веруваат во него. Причината што оние кои тврдат дека се негов народ, а имаат толку малку сила, лежи во тоа што тие премногу се потпираат врз сопствената мудрост и не му даваат на Господа можност да ја покаже својата моќ во нивна полза. Тој на своите верни ќе им помогне во секоја неволја ако целосно се потпрат врз него и ако верно го слушаат.

Набргу по паѓањето на Ерихон, Исус Навин решил да го заземе Гај, еден малечок град во една котлина, неколку километри западно од јорданската долина. Затоа пратил извидници кои му донеле вест дека во тоа место нема многу жители и дека не е потребно да праќа голема војска за негово освојување.

Големата победа што ја извојувал Бог за Израелците ги сторила премногу самоуверени. Се чувствувале потполно сигурни затоа што Бог им ветил дека ќе им ја даде хананската земја, а го загубиле од вид фактот дека само Божјата помош може да им обезбеди успех. Дури ни Исус Навин, при своето планирање да го заземе Гај, не побарал совет од Бога.

Така Израелците почнале да ги преценуваат сопствените сили и да ги потценуваат своите непријатели. Очекувајќи лесна победа, сметале дека за заземање на тоа место ќе бидат доволни три илјади 494
луѓе. И не прашувајќи се дали е Бог со нив, побрзале во напад. Напредувале до вратата на градот, но тука наишле на решителен отпор. Тогаш, обземени со паничен страв од големиот број и од совршената опрема на нивниот непријател, го свртиле грбот и безглаво побегнале низ стрмните падини на брегот. Хананците потрчале по нив „и ги гонеа од портите... и ги погубија на стрмнината“. Иако загубата од триесет и шест луѓе не била толку голема, сепак, поразот врз целата заедница дејствувал обесхрабрувачки. „И се стопи срцето кај народот и стана како вода.“ Тоа бил нивни прв вистински судир со Хананците, а што ќе се случи дури во поголемите битки што ги очекувале, кога бранителите на едно вакво малечко гратче ги натерало во бегство. Исус Навин во овој страшен неуспех видел знак на Божје негодување, па со болка во душата „Исус ја раскина својата облека и падна ничкум на земјата пред ковчегот на Господа и лежеше дури до вечерта, тој и старешините Израелови, и ги посипаа со пепел своите глави.“

„И рече Исус: ’Ти се молам, Господе Боже, зошто го преведе овој народ преку Јордан за да ги предадеш во рацете на Аморејците на погубување? Камо да бевме останале да живееме од онаа

страна на Јордан! О Господе, што да кажам, бидејќи Израел го сврте грбот пред своите непријатели? Хананците и сите жители на земјата ќе чујат, ќе нè опколат и ќе нè истребат нас од земјата. И што ќе направиш за своето големо име?"“

„Господ му одговори на Исуса: 'Стани, зошто падна ничкум? Згреши Израел; го прекршија заветот што го склучивме.'“ Тоа било време за решителна и брза акција, а не за очај и јадосување. Во логорот се вовлекол таинствен грев и виновникот морало да се пронајде и да се отстрани за Господовото присуство и неговиот благослов повторно да можат да бидат со неговиот народ. „Нема да бидам веќе со вас ако не го отстраните од вас проклетството.“

Божјата заповед ја престапил еден од оние кои биле одредени да ги извршуваат неговите казни. А за кривицата на тој еден престапник, целиот народ е сметан за одговорен: „Украдоа од проколнатото и го скрија меѓу своите работи.“ На Исуса му било дадено упатство како да го пронајде и да го казни престапот. За откривање на виновникот се послужиле со ждрепка. Престапникот не бил веднаш покажан зашто целата работа извесно време е оставена во неизвесност со цел сите да ја почувствуваат својата одговорност
495 за гревовите што постоеле меѓу нив и на тој начин биле наведени да ги испитаат своите срца и да се понизат пред Бога.

Рано изутрината Исус го собрал народот „по племиња“; така почнала свечена и впечатлива церемонија. Истрагата напредувала полека но сигурно. Кругот на оние на кои е применуван страшниот тест сè повеќе се стеснувал. Прво се испитувани племињата, потоа семејствата, па домовите, и најпосле се пронашол човекот; Ахан, синот на Хармие, од племето на Јуда, бил покажан со Божји прст како оној што го попречил Израел.

Со цел одговорноста да биде неспорна и да не биде префрлање дека е неправедно казнет, Исус Навин свечено го заколнал Ахана да ја признае вистината. Несреќниот човек целосно ја признал својата вина: „Навистина, јас згрешив пред Израеловиот Господ Бог ... Во пленот видов една вавилонска наметка, двесте сребреници и златна шипка која чини педесет сребреници, па се полакомив и си ги зедов за себе. Сето тоа е закопано среде мојот шатор, а среброто е оздола.“ Веднаш се пратени луѓе во неговиот шатор кои на покажаното место почнале да копаат, „и ете, сето тоа беше скриено во шаторот, а оздола среброто. Го зедоа сето тоа од шаторот и го донесоа пред Исуса и пред старешините Израелови и го ставија пред Господа“.

Пресудата била изречена и веднаш извршена. „Како ти нè унесреќи нас“, рекол Исус Навин, „така денеска Господ да те унесреќи тебе.“ Бидејќи сиот народ е сметан за одговорен за гревот на

Ахана и бидејќи сите ги поднесувале неговите последици, морале сите преку свои претставници да земат учество во казнувањето на виновникот - „и го затрупа со камење сиот Израел“.

Потоа над него нафрлале голем куп камења како сведоштво за сторениот грев и за казната поради него. „Оттаму тоа место се нарече долина Ахор“, што значи „смут“, зашто во книгата на Дневникот стои: „Ахан, кој го смути Израел прекршувајќи ја клетвата“ (1. Дневникот 2,7). Гревот Ахан го сторил наспроти најнепосредните и најсвечени опомени и најмоќни откровенија на Божјата сила. На Израелците им било кажано: „Пазете се од проклетите работи за и вие да не бидете проклети.“ Таа заповед е издадена набргу по чудесното преминување низ Јордан, по обновувањето на Божјиот завет 496 и обрезанието на народот, по обновеното празнување на празникот Пасха и појавата на Ангелот на заветот - Водачот на Господовите војски. Таа уследила по уништувањето на Ерихон, давајќи доказ за уништувањето на сите што го престапуваат Божјиот закон. Фактот што Израелците за својата победа над Ерихон требало да ѝ заблагодарат исклучиво на Божјата сила ѝ дала посебна тежина на оваа заповед според која им било забрането што било да присвојат за себе од тамошниот плен. Бог таа тврдина ја освоил со силата на својот збор. Победата била негова и затоа тој град, заедно со сè што му припаѓало, требало да му се посвети нему.

Меѓу повеќето милиони Израелци се нашол само еден човек кој во тој свечен миг на триумф и суд се осмелил да ја престапи Божјата заповед. Кога видел скапоцена вавилонска ткаенина, Ахан не можел да ја совлада својата алчност. Дури и во мигот кога на смртта ѝ гледал во очи, не можел да не каже: „Убава вавилонска наметка.“ Еден грев повлекува по себе друг, и тој присвоил од златото и среброто посветено на Господовата ризница - закинувајќи го со тоа Бога во првите плодови на хананската земја.

Смртниот грев што го одвел Ахана во пропаст имал свој корен во алчноста - еден од вообичаените гревови преку кој се преминува лекомислено. Додека другите гревови се истражуваат и се казнуваат, на алчноста ретко ѝ се забележува иако таа всушност е престап на десеттата заповед. Колку тој грев е голем и колку неговите последици се страшни, се гледа од случајот на Ахана.

Лакомството е зло што се развива постепено. Ахановата дрчност и незаситна желба за богатење се претвориле во навика која цврсто се вкоренила, така што речиси било неможно да се искорени. Иако уживал во тоа зло, сепак се вчудовидел при помислата дека со тоа ќе му нанесе несреќа на цел Израел; но гревот ја умртвил неговата совест и кога наишло искушението, тој паднал како лесен плен.

Зар не се греши и денеска наспроти исто толку свечените и јасни опомени? И нам исто така јасно и одредено ни е забрането да му попуштаме на лакомството како и на Ахана што му било забрането да присвои што било од пленот затечен во Ерихон. Бог во својата Реч лакомството го изедначува со идолопоклонството. И нам ни е упатена опомена: „Не можете да му служите на Бога и на мамонот" (Матеј 6,24). „Пазете се од лакомството" (Лука 12,15). „Лакомството и да не се споменува меѓу вас" (Ефесците 5,3). Пред нас е страшната судбина на Ахана, на Јуда, на Ананија и Сафира; а пред сите овие судбината на Луцифера, на „ѕвездата Деница", на оној кој во својата алчност за власт се стремел кон повисока положба
497 и со тоа засекогаш ги проиграл сјајот и небесното блаженство. Сепак, наспроти сите тие опомени, насекаде и на сите страни преовладува лакомство.

Валканите траги на таа лоша склоност секаде се покажуваат. Во семејствата поради тоа настануваат неслоги и разделби; таа кај сиромасите предизвикува завист и омраза кон побогатите; таа води кон свирепо угнетување на сиромасите од страна на имотните. А тоа зло постои не само во светот, туку и во црквата. Како и секаде, дури и овде се наидува на себичност, на алчност и подвала, на запоставување на милосрдието и на братската љубов и на закинување на Бога „во десетокот и приносот" (Малахија 3,8). Меѓу „редовните" верници на црквата, кои дури се сметаат за „угледни и добро ситуирани", за жал, се наоѓаат многу Ахани. Има луѓе кои редовно доаѓаат во црквата и седнуваат на Господовата трпеза (учествуваат во Господовата вечера, заб. на прев.), а во составот на својот имот кријат незаконито стекната добивка, работи што Бог ги проколнал. За љубов на некаква „вавилонска наметка" и денеска мнозина ја жртвуваат совеста и својата надеж за небото. Својата чесност и способност во животот да бидат корисни, мнозина ги заменуваат за кеса сребреници. Пекањето на скудните и сиромасите се запоставува и не се слуша; ширењето на евангелието се спречува; со постапките кои христијанството го прикажуваат во лажна светлина, се распалува презир и омаловажување на верата од страна на неверниците; а божемните христијани сепак алчно продолжуваат да напластуваат богатство. „Зар човекот ќе го закинува Бога? А вие мене ме закинувате", вели Господ (Малахија 3,8).

Гревот на Ахана ѝ донел несреќа на цела нација. Поради еден престапник, Божје негодување ја погаѓа целата црква сè додека престапот не се најде и не се отстрани. Од влијанието на несовесните верници на црквата треба повеќе да се плашиме отколку од нашите отворени непријатели, неверници и богохулници. Тие го лишуваат Израел од Божјиот благослов и го ослабуваат Божјиот народ.

Кога црквата ќе наиде на тешкотии, кога постои студенило и духовно опаѓање, што на Божјите непријатели им дава можност да ликуваат, тогаш верниците, наместо со скрстени раце да ја оплакуваат таа жална состојба, треба да се запрашаат дали меѓу нив можеби не се наоѓа некој Ахан. Секој од нив понизно нека го испита своето срце, пронаоѓајќи ги скриените гревови што го отстрануваат од нив Божјето присуство.

Ахан бил свесен за својата кривица, но неговото признавање уследило премногу доцна и не можело да му биде од полза. Видел како израелската војска била поразена и како обесхрабрена се 498
повлекува од Гај, а сепак не истапил да го признае својот грев. Видел како Исус Навин и старешините Израелови падднале на земја со болка што не може да се опише со зборови. Тогаш да го признал својот грев, би дал извесен доказ за вистинско покајание, но - сè уште молчел. Тој сфатил дека станува збор за некој голем грев, дури и точно слушнал каков е карактерот на тој грев. Меѓутоа, неговите усни сè уште биле запечатени. И тогаш настапило испитување. Душата му затреперила од страв кога било погодено прво неговото племе, па неговото семејство и најпосле неговиот дом. Но тој сè уште не го признал својот грев сè додека Божјиот прст не бил насочен директно кон него. Дури тогаш, кога не можел веќе да го крие својот грев, ја признал вистината. Често се изнудуваат слични признавања. Голема е разликата меѓу признавањето на фактите што веќе се докажани и признавањето на гревот што му е познат само на престапникот и на Бога. Ахан не би го признал својот грев кога не би се надевал оти со тоа ќе ги отстрани последиците на својот престап. Но неговото признавање послужило само да се види колку е праведна казната што го снашла. Тука немало каење, понизност, промена на сфаќањата ниту гнасење од злото.

Такви признавања ќе даваат непокајаните на денот на Божјиот суд кога случајот на секој поединец ќе биде решен за живот или за смрт. Секого последиците на неговото однесување ќе го натераат да го признае својот грев. Душата ќе биде присилена да ја почувствува ужасната свест за кривицата и за страшното очекување на судот. Но таквите признавања не можат да го спасат грешникот.

Слично на Ахана, мнозина се чувствуваат сигурни сè додека нивните ближни не знаат ништо за нивните престапи и си ласкаат себеси дека Бог нема да биде толку строг за да го изобличи нивното беззаконие. Сите тие ќе се затечат во своите гревови и во оној ден кога ќе биде премногу доцна за каење, кога не ќе можат веќе да се очистат со „никаква жртва или принос“. Кога небесните книги ќе се отворат, тогаш Судијата нема со зборови да им ги изнесува на

луѓето нивните гревови, туку само ќе ги погледне со проникнив и испитувачки поглед и секое дело и секоја постапка во животот на престапникот живо ќе се појави во неговото сеќавање. Тогаш нема да биде потребно, како во времето на Исуса Навина, виновникот да се бара од племе до семејство, туку неговите сопствени усни ќе го признаат својот срам. Тогаш гревовите, кои толку грижливо се прикривани за да не дознаат за нив другите, ќе бидат објавени пред целиот свет.

46

# БЛАГОСЛОВ И ПРОКЛЕТСТВО

*Оваа глава е заснована на Книгата на Исус Навин 8 глава*

По извршувањето на пресудата над Ахана, Исус Навин добил наредба да ги приготви сите луѓе способни за бој и повторно да тргне против Гај. Сега Божјата сила била со неговиот народ и набргу го освоиле градот.

Потоа биле прекинати сите воени операции со цел сиот Израел да може да учествува во свеченоста на една верска служба. Народот копнежливо очекувал да се стабилизира и да се одмори во Ханан, а уште немал своја земја ниту домашно огниште за своите семејства; и за да се доберат до тоа, морале да ги истераат Хананците. Меѓутоа, оваа важна задача морала да биде одложена, зашто една повисока должност го барала сето нивно внимание.

Пред да стапат во посед на своето наследство, морале да го обноват својот завет на верноста кон Бога. Во последните упатства дадени преку Мојсеја двапати било нагласено дека по влегувањето во ветената земја сите племиња треба да се соберат на горите Евал и Гаризим кај Сихем заради свечено признавање на Божјиот закон. Прифаќајќи го тој налог, излегле од логорот сите, не само мажите туку и жените, децата и странците кои биле меѓу нив, и поминале низ земјата на своите непријатели до сихемската долина која била близу до центарот на земјата. Иако сѐ уште ги опкружувал непријател кој уште не бил победен, сепак, се чувствувале сигурни под Божја заштита сѐ додека му биле верни. И тогаш, како и во деновите на Јакова, „ги исполни Божји страв градовите што беа околу нив“ (1. Мојсеева 35,5) и никој не ги вознемирувал.

Местото што било одбрано за ова свечено богослужение веќе било посветено поради својата поврзаност со историјата на нивните татковци. Тука Аврам му го изградил на Јехова својот прв олтар во хананската земја. Тука Аврам и Јаков првпат ги поставиле своите шатори. Малку подоцна тука е купена нива на која племињата го закопале телото на Јосифа. Тука бил бунарот што го ископал 500

Јаков и дабот под кој ги закопал многубожечките идоли на своето семејство.

Тоа како едно од најубавите места во цела Палестина било погодно да биде сцена на која ќе се одигра овој највпечатлив настан. Меѓу неплодните висови се простирала прекрасна долина со зелени полиња, наместа прошарана со маслинови градини, наводнувана со потоци и со живи извори и украсена со разновидно полско цвеќе. Горите Евал и Гаризим, стоејќи недалеку една спроти друга, од едната и другата страна на оваа долина, со своите испакнати делови претставувале еден вид природни говорници, така што секој изговорен збор на едната страна можел јасно да се чуе на другата, додека благите падини давале доволно простор за овој огромен собир.

Според упатствата што ги оставил Мојсеј, на Евал бил подигнат еден голем споменик од камен. На тие камења, претходно премачкани со посебен малтер, бил напишан законот - и тоа не само оние десет заповеди објавени на Синај и врежани на камени плочи, туку и сите други закони што му биле дадени на Мојсеја и запишани во книга. Покрај тој споменик бил подигнат и жртвеник од неизделкан камен на кој се принесувани жртви на Господа. Фактот што жртвеникот на Евал морал да биде подигнат на гората на која требало да биде изречено проклетство значел дека Израел со престапот на законот навлекол на себе оправдан Божји гнев и дека тие веќе би биле погодени со суд и со казна кога не би постоело Христовото помирување, претставено токму со тој жртвеник.

На гората Гаризим биле собрани шест племиња - сите племиња што потекнувале од Лија и Рахела, додека другите племиња што потекнувале од нивните помошнички биле поставени на Евал. Свештениците со ковчегот на заветот биле во долината, меѓу тие гори. На знак на труба настанала тишина и тогаш Исус Навин, во присуство на тој голем собир, стоејќи крај светиот ковчег, ги прочитал благословите наменети за оние што ќе му се покоруваат на Божјиот закон. Сите племиња од Гаризим одговориле со зборот „амин“. Потоа ги прочитал и заканувањата со проклетство при што племињата од Евал одговориле на ист начин. Илјадници гласови се соединиле во единствен акорд давајќи свечен одговор. А потоа уследило читање на Божјиот закон со сите правила и прописи што им биле дадени преку Мојсеја.

Израел на Синај го слушнал законот непосредно од Божјата уста, а неговите свечени прописи, кои со сопствена рака ги напишал
503 на камени плочи, се чувале во ковчегот на заветот. Сега сето тоа било повторно напишано така што сите можеле да го читаат. Сите имале предимство лично да ги видат условите на заветот под кои

имале право да ја наследат хананската земја. Сите морале да се запознаат со условите на заветот и да се согласат со благословот - ако послушаат, или со проклетството - ако не послушаат. Законот не бил само напишан на камењата на споменикот, туку Исус Навин гласно го прочитал пред целиот народ. Поминале само неколку седмици откако Мојсеј усно ја изложил содржината на целата своја петта книга, но сепак Исус Навин го повторил законот уште еднаш.

Читањето на законот внимателно го слушале не само мажите Израелци, туку и нивните жени и деца. А тоа и било важно, зашто требало и тие да се запознаат со своите должности. Во врска со своите закони и уредби, Бог му наредил на Израел: „И така, ставете ги овие мои зборови во своето срце и во својата душа и врзете ги на својата рака како знак, и нека бидат тие врзулка меѓу вашите очи. И учете ги своите синови на нив ... за да се умножат вашите денови и деновите на вашите деца во онаа земја за која Господ се заколна дека ќе им ја даде на вашите татковци - да бидат бројни колку што се небесните денови над земјата“ (5. Мојсеева 11,18-21).

Секоја седма година требало сите прописи на законот да се прочитаат пред сиот народ како што наредил Мојсеј: „Секоја седма година, во прошталната година, на празникот Сеници, кога цел Израел ќе дојде да се јави пред твојот Господ Бог, на местото што ќе го одбере Господ, прочитајте го гласно овој закон пред сиот Израел. Собери го народот, мажите, жените, децата и придојдените, што се наоѓаат во вашите места, за да чујат и да се научат да се бојат од вашиот Господ Бог и да пазат да ги исполнуваат сите заповеди од овој закон; и нивните синови, кои не го знаат тоа, ќе чујат и ќе се научат да се бојат од вашиот Господ Бог во сите денови додека живеете во земјата во која одите преку Јордан да ја наследите“ (5. Мојсеева 31,10-13).

Сатаната е секогаш на дело, настојувајќи да искривоколчи сè што кажал Бог; да го заслепи духот и да го затемни умот и на тој начин луѓето да ги наведе на грев. Од таа причина Господ е толку опширен и своите причини ги толкува толку јасно за никој да не мора да биде измамен. Бог постојано настојува луѓето да ги привлече под своја заштита за сатаната да не може да ја применува врз нив
својата измамничка и свирепа моќ. Бог отишол дотаму на луѓето да 504
им зборува со свој сопствен глас и да им ги напише животворните зборови со своја рака. И тие благословени зборови, проникнати со живот и со светлина на вистината, оставени им се на луѓето да им бидат најсовршен водич. И токму затоа што сатаната постојано се труди вниманието и наклоноста на срцата да ги одврати од Божјите ветувања и барања, потребно е сето тоа внимателно да се проучува, да се запамети и да се прими во срцето.

Сите што го поучуваат народот на верските работи, треба да посветат повеќе внимание на фактите на библиската историја и на Господовите опомени и заповеди. Тоа треба да се изнесува со едноставни зборови прилагодени дури и на детското сфаќање. Должност и на родителите и на проповедниците е младите да ги упатат на Светото писмо.

Родителите можат и треба да ги заинтересираат своите деца на разни начини да бараат знаење на светите страници. Но, ако сакаат своите синови и ќерки да ги придобијат за Божјата реч, мораат и тие сами да се заинтересираат за неа. Тие мора да се запознаат со нејзиното учење и за тоа да зборуваат, како што му наредил Бог на Израел: „Кога седиш дома и кога одиш по пат, кога легнуваш и кога стануваш" (5. Мојсеева 11,19). Сите што сакаат нивните деца да го почитуваат Бога и да го љубат, мора за неговата добрина, за неговото величество и за неговата сила да зборуваат онака како што е откриено во неговите зборови и во делата на создавањето.

Секоја глава и секој стих на Светото писмо претставуваат извесно Божје соопштение упатено до луѓето. Сите тие прописи би требало да ги врземе како знак на својата рака и како челник меѓу очите. Кога тие прописи постојано би се проучувале и исполнувале, Божјиот народ, како некогаш Израелците, би бил воден дење со столб од облак, а ноќе со столб од оган.

47

# СОЈУЗ СО ГАВАОНЦИТЕ

*Оваа глава е заснована на Книгата на Исус Навин 9 и 10 глава*

Од Сихем Израелците повторно се вратиле во Галгал, првото место на нивното логорување во Ханан. Набргу тука ги посетило едно необично пратеништво. Луѓето од тоа пратеништво сакале со Израелците да стапат во преговори. Изјавиле дека доаѓаат од далечна земја, што можело и да се види по нивната надворешност. Облеката им била стара и изветвена, а обувките искрпени. Лебот што го понеле со себе се мувлосал, а старите мевови за вино биле искинати и подврзувани, како попатно набрзина да ги крпеле.

Раскажувале како нивните сонародници во својата далечна татковина - божем надвор од границите на Палестина - слушнале за чудата што ги направил Бог за својот народ, па затоа ги пратиле со Израелците да склучат сојуз. На Евреите изрично им било нагласено да се пазат од каков и да е сојуз со идолопоклоничките жители на Ханан, и затоа нивните водачи се посомневале во вистинитоста на сѐ што раскажувале тие дојденици. „Можеби вие живеете среде нас", рекле водачите на Евреите. При тоа пратениците му одговориле на Исуса: „Ние сме твои слуги." Но кога Исус директно ги прашал: „Кои сте и од каде доаѓате", тие ги повториле своите поранешни искази, и за да ја потврдат својата искреност, додале: „Овој наш леб го понесовме кога тргнавме од дома топол, а сега ете, се исушил и се мувлосал; и овие мевови со вино кои, кога ги наполнивме беа нови, ете, се испокинаа; и овие наши облеки и обувки изветвија поради многу долгиот пат."

Ова имало преломно значење. Евреите „не го прашаа Господа. Тогаш Исус склучи со нив мир и им вети дека ќе им го зачува животот; и кнезовите на народот им се заколнаа." Така бил склучен сојуз, а по три дена вистината била откриена. Тогаш „слушнаа дека им
се соседи и дека живеат среде нив". Знаејќи дека не можат да им 506
се противстават на Израелците со сила, Гаваонците прибегнале кон лукавство за да ги спасат своите животи.

Негодувањето на Израелците кога дознале дека се прелагани на таков начин било мошне силно. Нивното нерасположение се зголемило уште повеќе кога по три дена пристигнале во гаваонските градови што се наоѓале недалеку од самиот центар на ветената земја. „Сиот собир викаше на кнезовите.“ Но овие не се осмелиле да ја погазат и да ја раскинат спогодбата, иако таа била заснована на измама, зашто „им се заколнаа со Израеловиот Господ Бог“. „И не ги погубија синовите Израелови.“ Гаваонците се заветувале дека ќе се откажат од идолопоклонството и ќе му служат на Господа. Во овој случај поштедувањето на животот на Гаваонците не значело прекршок на Божјииот налог идолопоклоничките жители на Ханан да се истребат. Со дадената заклетва Евреите не се обврзале да прават некој грев. Иако таа заклетва била постигната со измама, сепак, не смеела да се погази. Обврската на која се заколнуваме со даден збор - доколку не нè врзува да сториме некое зло - за нас треба да претставува светиња. Никакви обѕири кон добивка, кон можности за заработувачка, кон одмазда или кон лични интереси не смеат на никаков начин да влијаат врз неприкосновеноста на дадениот збор или заклетва. „Одвратни му се на Господа лажливите усни“ (Мудри изреки 12,22). „Кој ќе се вознесе на гората Господова? Кој ќе престојува на неговото свето место?“ „Тој, што заклетвата си ја држи - дури и кога тоа боли“ (Псалм 24,3; 15,4).

На Гаваонците им било дозволено да живеат, но биле обврзани како слуги во Светилиштето да ги извршуваат сите најтешки работи. „Ќе сечете дрва и ќе носите вода за мене и за домот на мојот Бог!“ Овие услови тие ги прифатиле со благодарност, бидејќи биле свесни дека згрешиле и дека морале да се радуваат што им е дадена можност да го откупат својот живот на кој било начин. „А сега, ете, ние сме во твои раце“, му рекле тие на Исуса Навина, „прави со нас што мислиш дека е добро и право да правиш со нас.“ Со векови нивните потомци биле поврзани со службата во Светилиштето.

Областа на Гаваонците опфаќала четири града. Немале цар, туку совет на старешини и сенатори. Најзначајниот од нивните градови, Гаваон, „беше голем град, како некаков царски град“, „и сите луѓе во него беа храбри“. Израелците влевале голем страв меѓу жителите на Ханан, а впечатлив пример за тоа бил фактот што жителите на еден толку силен град морале да прифатат таква понижувачка улога само да го спасат животот.

507 Меѓутоа, за Гаваонците би било многу подобро кон Израелците да се однесувале искрено. Додека потчинувањето на Јехова им осигурувало спасение на животот, измамата им донела срам и ги сторила робови. Бог се погрижил во благословите на заветот да можат да учествуваат сите што ќе се откажат од незнабоштвото

и ќе се соединат со Израел. Под изразот: „дојденикот што живее меѓу тебе", се мислело и на нив; и со мали исклучоци, и тие имале право на истите благодати и предимства како и Израелците. Божјата заповед гласела: „Кога придојден ќе се насели во вашата земја, не жалостете го. Придојдениот меѓу вас нека ви биде како тукашен; сакајте го како себеси" (3. Мојсеева 19,33.34). Што се однесува до пасха и до принесувањето на жртвите, било наредено: „За вас, народе Божји, и за придојдениот, кој живее меѓу вас, да е еден закон ... што сте вие, тоа да биде и придојдениот пред Господа" (4. Мојсеева 15,15).

Такви биле условите под кои и Гаваонците можеле да бидат примени да не прибегнале кон измама. За жителите на Гаваон, кој „беше како царски град", и чиишто „луѓе беа храбри", не било ниту малку лесно да се понизат и да станат слуги кои на целиот собир ќе им цепат дрва и ќе носат вода. Но тие, со намера да измамат, облекле изветвена облека која останала на нивните рамена како знак на доживотно слугување. Така тие во текот на сите генерации со својата подредена положба претставувале сведоштво за Божјата омраза кон невистината.

Подјармувањето на Гаваонците од страна на Израел ги исполнило со страв срцата на хананските цареви. Веднаш се преземени мерки да им се одмаздат на оние што склучиле мир со напаѓачите. Под водство на ерусалимскиот цар Адониседек, пет хanaнски цареви стапиле во сојуз против Гаваонците. Тие нагло навлегувале, а Гаваонците не биле подготвени за одбрана, па пратиле пратеници кај Исуса во Галгал. „Не ја тргнувај раката од твоите робови, дојди поскоро кај нас, избави нѐ и помогни нѝ; зашто против нас се собрани сите аморејски цареви што живеат во планините." Опасноста не им се закaнувала само на Гаваонците, туку и на Израелците. Тој град ги држел премините за средна и јужна Палестина и морал да се одржи по секоја цена ако требало да се освои земјата.

Приготвувајќи се, Исус Навин веднаш тргнал Гаваон да го
ослободи од опсадата. Жителите на опседнатиот град се плашеле 508
дека тој ќе го отфрли нивниот повик затоа што го измамиле; но, со оглед на тоа што тие им се предале на Израелците и се согласиле да му служат на вистинскиот Бог, Исус Навин чувствувал обврска да ги заштити. Овојпат не сакал да тргне без Божји совет и Господ го храбрел да го преземе тој чекор.

„Не бој се од нив, зашто јас ги предадов во твои раце; никој од нив нема да устои пред твоето лице." „И ги нападна нив Исус ненадејно, бидејќи цела ноќ беше одел од Галгал."

Одејќи пеш цела ноќ, Исус Навин со својата војска в зори бил пред Гаваон. Кнезовите заговорници уште не се распоределе околу

градот кога Исус ги нападнал. Нападот завршил со целосен пораз над заговорниците. Голем број од поразените војници се повлекувале пред Исуса кон Веторон; бегајќи така стигнале на врв на една карпа и се струполиле „низ падините на веторонската стрмнина“ на другата страна од планината. Тогаш врз нив се урнало жестоко невреме, „Господ фрли врз нив од небото големи камења ... умрените од камења беа повеќе отколку оние што синовите Израелови ги убија со меч во борбата.“

Додека Аморејците бегале главечкум, надевајќи се дека некаде во планинските тврдини ќе најдат засолниште, Исус, гледајќи од врвот на еден вис, заклучил дека денот е премногу кус за да го заврши започнатото дело. Ако непријателите не ги дотолчи потполно, тие набргу пак ќе се соберат и повторно ќе почне битка. „Тогаш Исус му рече на Господа ... пред Израелците: ’Запри се, Сонце, над Гаваон, и ти, Месечино, над долината Елонска!’ И Сонцето застана, и Месечината стоеше додека Бог им се одмаздуваше на нивните непријатели ... Сонцето застана на небото и не брзаше да зајде речиси цел ден.“

Пред да се стемни, се исполнило Божјето ветување дадено на Исуса Навина. Сета непријателска војска била предадена во негови раце. Настаните што се одиграле тој ден засекогаш требало да останат во сеќавање на Израелците. „Таков ден немало ни пред ни потоа, Господ така да послуша човечки глас, зашто Господ војуваше за Израел.“ „Сонцето и Месечината застанаа на своето место пред болскотот на твоите вперени стрели, пред светкањето на твоите сјајни копја. Во гнев одиш по земјата и во негодување ги газиш народите. Ти излегуваш за спасение на твојот народ“ (Авакум 3,11-13).

509 Божјиот Дух ја инспирирал молитвата на Исуса Навина за да се даде уште еден силен и непобитен доказ за силата и моќта на Израеловиот Бог. Затоа ова барање од страна на големиот водач не било дрско пречекорување на дозволеното. На Исуса Навина му било ветено дека Бог ќе ги совлада неговите непријатели; но сепак, тој се трудел толку сесрдно како успехот потполно да зависел само од израелската војска. Сторил сѐ што може да стори човечката сила, а потоа со вера пекал пред Бога за помош. Тајната на успехот лежи во поврзувањето на Божјата сила со човечките напори. Најголем успех постигнуваат оние кои без притеснување се потпираат врз мишката на Семожниот. Истиот оној човек кој наредил: „Запри се, Сонце, над Гаваон, и ти, Месечино над долината Елонска“, со часови се молел пред Бога со наведено лице до земја во логорот кај Галгал. Луѓето од молитва се луѓе со духовна сила.

Ова силно чудо сведочи дека над сè што е создадено владее Творецот. Сатаната се труди манифестацијата на Божјата движечка сила во природниот свет да ја скрие пред очите на луѓето - да го загубат од вид неуморното дејствување на првиот голем Зачетник. Ова чудо претставува прекор за сите што ја издигнуваат природата над Бога кој ја создал природата.

Бог по своја волја ги повикува сите сили на природата да ја поразат и да ја уништат моќта на неговите непријатели - „Мољњо, граду, снегу и магло, и вие виори, извршители на неговата заповед" (Псалм 148,8). Кога незнабожечките Аморејци се подигнале да ги спречат Божјите намери, Тој интервенирал, фрлајќи озгора „градно камење" врз непријателите на Израел. За големата битка што ќе се одигра во последните сцени на светската историја, пророкот кажува: „Господ ја отвори својата ризница и го извади оружјето на својот гнев" (Еремија 50,25). „Си влегувал ли ти во ризниците на снегот и си ги видел ли сокровиштата на градот", прашува Господ, „што ги чувам за смутно време, за денот на битка и војна?" (За Јов 38,22.23).

Опишувајќи го унишувањето што ќе уследи кога ќе одекне „силниот глас од небесната црква", велејќи: „Се сврши", писателот на Откровението кажува: „Град, голем како талант, падна од небото врз луѓето" (Откровение 16,17.21).

48

# ПОДЕЛБА НА ХАНАН

*Оваа глава е заснована на Исус Навин 10,40-43; 11. и 14-22 глава*

По победата кај Веторон набргу е освоен цел јужен Ханан. „Така Исус Навин го зазеде сиот оној крај: Горите и Негев, Шефела и високите предели и сите нивни цареви, бидејќи Господ Бог Израелов војуваше за Израел. Потоа Исус и сите Израелци со него се вратија во логорот во Галгал.“

Племињата на северна Палестина, вџашени со успехот што ја следел војската на Израелците, создале одбранбен сојуз против нив. На чело на тој сојуз бил асорскиот цар Јавин - цар на покраината западно од езерото Мерома. „Излегоа тие и сите нивни војски.“ Таа војска била поголема од сите со кои Израелците се сретнале до тогаш во Ханан. „Многу луѓе, толку многу колку песокта во приморјето, со коњи и многу коли. И слегоа сите тие цареви, па се соединија кај водата Мерома за да војуваат против Израел.“ Тогаш на Исуса Навина повторно му е упатена охрабрувачка порака: „Не се плаши од нив, зашто утре во ова време ќе им ги предадам сите нив на синовите Израелови за да ги погубат.“

Недалку од езерото Мерома Исус Навин го нападнал логорот на сојузниците и потполно ја уништил нивната војска. „И Господ ги предаде во рацете Израелови, и тие ги разбија и ги гонеа ... така што не оставија ниеден жив.“ Бојните коли и коњи со кои Хананците се гордееле и толку фаленички се растурале, Израелците не смееле да ги присвојат. По Божја наредба сите коли биле спалени, а коњите осакатени така што не можеле веќе да се употребат во борба. Израелците не смееле да се потпрат врз коњите и колите, туку во „име на својот Господ Бог“.

Градовите се освојувани еден по еден, а главната тврдина на
511 сојузниците, Асор, бил спален. Војната траела повеќе години и на крај Исус Навин станал господар на Ханан. „И земјата почина од војна.“

Но, иако моќта на Хананците била скршена, тие сепак не биле наполно исфрлени од земјата. На запад Филистејците сè уште ја држеле плодната долина долж морскиот брег, а северно од нив била областа на Сидонците во чијшто посед бил и Ливан; и јужниот дел на земјата, спрема Египет, сè уште бил во рацете на Израеловите непријатели.

Па сепак, делото што му преостанувало на Исус Навин не било да продолжи со војувањето. Пред да престане да води и да наредува, големиот водач требало да изврши уште една посебна задача. Сета земја, освоена и неосвоена, требало да им се подели на племињата. Должност на секое племе била само да го доврши целосното ослободување на оној дел од земјата што ќе му биде даден во наследство. Кога тие би се покажале верни и предани кон Бога, Тој би ги истерал нивните непријатели пред нив; а им ветил дека уште повеќе ќе ги прошири нивните граници ако му останат верни на неговиот завет.

Поделбата на земјата им била доверена на Исуса Навина, на првосвештеникот Елеазар и на поглаварите на племињата; наследството на секое племе било решено со ждрепка. Сам Мојсеј ги определил границите на земјата и им ја поделил на одделни племиња уште пред да пристигнат во Ханан. Од секое племе одбрал по еден кнез кој требало да присуствува при поделбата. Племето на Левие, бидејќи било посветено за служба во Светилиштето, не било опфатено со оваа делба. Меѓутоа, на Левитите им биле доделени четириесет и осум градови во разни краишта на земјата.

Пред да почне делбата на земјата, Халев со поглаварите на своето племе истапил со едно нарочно барање. Покрај Исуса Навина, Халев тогаш бил најстар човек меѓу Израелците. Тие двајца меѓу дванаесеттемина извидници биле единствени кои за ветената земја донеле поволен извештај и го храбреле народот да тргне и во Божје име да ја преземе земјата. Халев Исуса Навина го потсетил на ветувањето што му било дадено тогаш како награда за неговата верност: „Земјата по која одеше ќе биде наследство за тебе и за твоите деца за навек, бидејќи ти точно го следеше мојот Господ Бог.“ Затоа молел Хеврон да му се додели нему. Тука со години била татковината на Аврама, Исака и Јакова, и тука, во Макпелската пештера, тие биле и погребани. Во Хеврон било седиштето на страшните Енакими, кои со својот застрашувачки 512
изглед толку многу ги уплашиле извидниците, што преку нив ја уништиле храброста на цел Израел. Меѓу сите други, тоа било местото кое Халев, надевајќи се во Божјата сила, го одбрал за свое наследство.

„И така, ете, Господ ме запази жив, како што говореше", продолжил Халев. „Четириесет и пет години веќе изминаа откако Господ му ги беше кажал тие зборови на Мојсеја ... и сега, еве, јас сум на осумдесет и пет години; но и сега сум толку цврст, како и тогаш, кога ме прати Мојсеј: колку што имав сила тогаш, толку имам и сега, да влегувам, да излегувам и да војувам. Затоа, дај ми ја таа гора, за која говореше Господ во оној ден; бидејќи ти чу во тој ден, дека таму живеат Енаковите синови, и тие имаат градови големи и утврдени; можеби Господ ќе биде со мене, и јас ќе ги истерам, како што ми рече Господ." Ова барање го поддржале поглаварите на племето на Јуда. Бидејќи бил именуван од страна на своето племе да учествува во поделбата на земјата, Халев сам ги избрал и ги повикал овие луѓе да бидат сведоци при неговото барање за да не се стекне впечаток дека тој својот авторитет и својата положба ги користи за лични и себични цели.

Барањето веднаш му било прифатено. Никому со поголема сигурност и доверба не би можело да му се довери освојувањето на таа циновска тврдина. „Исус го благослови и му го даде во наследство Хеврон на Халева, синот на Јефоние ... бидејќи постојано се покоруваше на заповедите на Израеловиот Господ Бог." Верата на Халева и сега била иста како и тогаш кога со своето сведоштво им противречил на лошите извештаи на десеттемина извидници. Тој верувал дека Бог, според ветувањето што го дал, ќе му го предаде Ханан на својот народ и со таа вера непоколебливо и „целосно се држеше за Господа". Тој, заедно со својот народ, ги издржал сите долги талкања низ пустината и ги преживеал сите разочарувања и сите тешкотии што ги создавале виновниците; па сепак, не се плачел, туку ја славел и фалел милоста и добрината на Оној кој го сочувал и го одржал во пустината додека неговите браќа пропаѓале. Господ го одржал во најголемите патила, опасности и несреќи претрпени во текот на талкањето низ пустината, во сите воени години откако влегле во Ханан, па и сега, кога веќе имал повеќе од осумдесет години, неговата сила не била намалена. Тој за себе не ги барал оние области што веќе биле освоени, туку токму ова место за кое извидниците, повеќе отколку за кое било друго, тврделе дека е непреземливо. Со Божја помош тој сакал да се фати во костец токму со таа сила чиишто циновски тврдини ја поколебале верата на Израел. Халев тоа не го барал затоа што
513 бил жеден за слава или за величење. Стариот храбар воин сакал на народот да му даде пример со кој Бог ќе биде прославен, а племињата охрабрени целосно и до крај да ја покорат земјата што нивните татковци ја сметале за непреземлива.

Халев го примил наследството за кое неговото срце копнеело четириесет години и, верувајќи дека Бог ќе биде со него, ги истерал „од таму ... трите Енакови синови“. Откако на тој начин си обезбедил имот за себе и за својот дом, неговата ревност не попуштила. Тој не се сместил удобно да ужива на своето наследство, ами ја продолжил борбата и освојувањето во полза на нацијата и на слава на Бога.

Кукавиците и бунтовниците пропаднале во пустината, но Халев и Исус Навин, кои својата должност како извидници ја извршиле верно, доживеале да јадат грозје од потокот Есхол. Секому му било дадено според неговата вера. Неверниците гледале како нивните стравувања се исполнуваат. И покрај Божјето ветување, тие тврделе дека Ханан не може да се освои, и затоа не го наследиле. А оние што имале доверба во Бога, и кои помалку гледале во навидум непремостивите тешкотии, а повеќе во силата на својот семожен Помошник, влегле во добрата земја. Само со цврста и непоколеблива вера овие стари воини „победија царства ... ја избегнаа острицата на мечот, од немоќни станаа крепки, станаа силни во војна, прогонија туѓи војски“ (Евреите 11,33.34). „И ова е победата, што го победи светот - нашата вера“ (1. Јованово 5,4).

Во второто барање, исто така во врска со поделбата на земјата, се покажал сосем спротивен дух на оној што го поттикнал Халева. Тие барања ги поднеле потомците на Јосифа од племето на Ефрема, заедно со половина племе на Манасија. Бидејќи биле бројно најсилни, припадниците на овие племиња барале да им се додели два пати поголема област отколку на другите. Земјата што им била доделена ним со ждрепка била најплодна и ги опфаќала најбогатите краишта на Саронската долина; но многу важни гардови во долината сè уште биле во рацете на Хананците, и припадниците на овие племиња, плашејќи се од опасностите и напорите неопходни да се заземат тие градови, барале и нови делови во оние краишта кои веќе биле освоени. Племето на Ефрема било не само едно од најголемите во Израел, туку и Исус Навин потекнувал од него, и затоа припадниците на ова племе сметале дека ним им припаѓаат посебни привилегии. „Зошто ни даде за наследство еден дел и едно јаже“, истакнувале тие, „кога сме ние многубројни, бидејќи така нè благословуваше Господ до сега?“ Но, од нескршливиот водач не можело да се измами ниту најмалечка отстапка од строгата правичност.

Неговиот одговор гласел: „Ако сте многубројни, одете во гората и таму копачете ја шумата во земјата на Ферезејците и Рафајците, 514
штом гората Ефремова ви е тесна.“

Во нивниот одговор се открива вистинската причина на нивната жалба. Ним им недостигала вера и храброст да ги истераат Хананците. „Нема да ни биде доста оваа гора“, рекле тие, „а сите Хананци што живеат во долината имаат железни коли.“

Силата на Израеловиот Бог му била загарантирана на неговиот народ и кога синовите Ефремови би имале вера и храброст каква што покажал Халев, ниеден непријател не би можел да се одржи пред нив. Исус Навин решително се противставил на нивните отворени барања да не се изложуваат на напори и опасности. „Ти си голем и силен народ“, нагласил. „Кога си многуброен и имаш голема сила, нема да останеш само со еден дел; и горага нека биде твоја, и неа ти ќе ја расчистиш, и таа ќе биде твоја сè до крај; бидејќи ти ќе ги изгониш Хананците, иако тие имаат железни коли, иако се силни.“ Така нивните аргументи се свртени против нив. Ако навистина биле толку голем народ како што тврделе, тогаш морале да бидат во состојба да одат по сопствен пат како и нивните браќа. Потпирајќи се врз Божја помош, немале причина да се плашат од железните коли.

До тогаш Галгал бил главен национален центар и тука се наоѓал шаторот за состанок. А тогаш шаторот за состанок требало да се пренесе во она место кое било одредено за негово постојано седиште. Тоа бил Силом, едно малечко место во делот на Ефрема. Силом се наоѓал во централниот дел на земјата па на сите племиња им бил лесно пристапен. Тој предел на земјата бил веќе потполно ослободен, така што поклониците немале од што да се плашат, ниту пак некој ги вознемирувал. „И целиот народ - синовите Израелови - се собраа во Силом и ја поставија таму скинијата на сведоштвото, бидејќи ја покорија земјата.“ Кога ковчегот со шаторот за состанок е пренесуван од Галгал, племињата кои сè уште биле улогорени пошле по него и се сместиле во близината на Силом. Тука останале сè додека не се раселиле, секое на своето наследство.

Ковчегот на заветот останал во Силом триста години, сè додека, поради гревот на домот на Илија, не паднал во рацете на Филистејците и кога Силом бил разурнат; ковчегот на заветот никогаш веќе не бил вратен во шаторот за состанок сместен во Силом, и службата од Светилиштето најпосле била преместена во храмот подигнат во Ерусалим, а Силом, губејќи го значењето, потполно паднал во заборав. Останале само неговите урнатини, обележувајќи го местото каде што бил некогаш. На неговата судбина е укажувано со векови подоцна во опомената упатена до Ерусалим. „Одете сега на моето место во Силом, каде што порано бев определил да почива моето име, и видете, што направив со него поради беззаконијата на мојот народ Израел...“, кажува Господ преку Еремија. „Затоа

со овој дом, над кој е призвано моето име и во кој вие се надевате, и со ова место што ви го дадов вам и на вашите татковци, сега јас ќе постапам како што постапив со Силом“ (Еремија 7,12-14). *515*

„А кога ја поделија земјата со нејзините меѓи“, и кога секое племе добило свое наследство, тогаш и Исус Навин ја изнел својата желба. И нему, исто како на Халева, му било дадено нарочно ветување во врска со наследството; сепак, тој не барал некои пространи области, туку само еден единствен град. „По заповед на Господа му го дадоа градот Тамнат-Сарах, што го побара; тој го утврди градот и се всели во него.“ На тој град му е дадено име Тамнат-Сарах, што значи „преостанат дел“. Тоа име останало како вечно сведоштво за благородноста на карактерот и за несебичноста на освојувачот кој, наместо прв да грабне плен од освоеното, чекал со своите барања додека не била исполнета и последната желба на неговиот народ.

Шест од градовите што им биле доделени на Левитите - по три на секоја страна од Јордан - биле прогласени за градови на прибежиште, каде што можел да се засолни секој што ненамерно би извршил убиство. Налог за прогласување на такви градови дал уште Мојсеј кога рекол: „Издели градови што ќе ви бидат градови за прибежиште, каде што ќе може да побегне убиец кој убил ненамерно. И тие градови нека ви бидат засолниште од одмаздникот за крв, за да не биде погубен оној што го извршил убиството, пред да излезе на суд пред народот“ (4. Мојсеева 35,11.12). Оваа благородна грижа била неопходна поради стариот обичај на крвна одмазда, според кој убиениот требало да го одмазди неговиот најблизок роднина или наследник. Во случај кога кривицата била очигледна, не било неопходно да се чека на судска истрага. На одмаздникот му било дозволено да го прогонува убиецот секаде и да го убие каде што ќе го стигне. Господ видел дека тоа време не било погодно за укинување на овој обичај, и затоа се погрижил за безбедноста на оние што би направиле убиство не сакајќи.

Градовите за прибежиште биле распоредени така што за половина ден одење можело да се стигне во еден од нив од кој било дел на земјата. Патиштата по кои се стигнувало до нив биле постојано одржувани во добра состојба; и насекаде по должината на патот морале да постојат патокази на кои со јасни и крупни букви бил испишан зборот „Прибежиште“, за бегалецот да не се задржува ниту еден миг. Тоа предимство можел да го користи секој, било тој да е Евреин, странец или дојденик. Но, додека се внимавало да не биде убиен невин човек, се внимавало и на тоа виновникот да не ја одбегне казната. Случајот на секој бегалец морал подробно да биде испитан од надлежните власти и само ако се утврдило дека не е виновен за убиство за кое законите предвидуваат казна, можел

516 да најде заштита во градот за прибежиште. Виновникот му бил предаван на одмаздникот. А оние што имале право на заштита, можеле таа да ја уживаат само под услов да не го напуштаат градот за прибежиште. Во случај некој да излегол надвор од пропишаните граници, и таму да го затекол одмаздникот, тоа свое невнимание кон Божјата грижа морал да ја плати со животот. Меѓутоа, по смртта на првосвештеникот, на сите што нашле засолниште во градот за прибежиште им било дозволено да се вратат на своето наследство.

При судењето поради убиство, на обвинетиот не смеело да му се суди врз основа на изјава само на еден сведок, дури и ако сите околности убедливо зборувале против обвинетиот. Господ наредил: „Секој што ќе убие човек, убиецот да биде убиен пред сведоци; но еден сведок не е доволен за осудување на смрт" (4. Мојсеева 35,30). Тоа упатство на Мојсеја за израелскиот народ го дал Христос; а кога лично бил меѓу своите ученици на земјата, и кога ги упатувал како треба да постапуваат со заблудените, големиот Учител ја повторил оваа поука според која сведочењето на еден човек не е доволно за обвинетиот да се осуди или пак да се ослободи од обвинувањето. Спорните прашања никогаш не треба да се решаваат според гледиштето и мислењето на само еден човек. Во сите такви пригоди треба да се совпаѓаат сведоштвата барем на двајца или на повеќемина и заеднички да ја сносат одговорноста; „со устата на двајца или тројца сведоци нека се потврди секој збор" (Матеј 18,16).

Ако би се утврдило дека обвинетиот е крив за убиство, тој не можел да се избави со никакво посредување ниту со откупнина. „Оној што ќе пролее човечка крв, неговата крв ќе ја пролее човек" (1. Мојсеева 9,6). „Не земајте откуп за крвникот што ќе заслужи смрт, туку нека се погуби" (4. Мојсеева 35,31). „Одвлечи го и од мојот олтар да се погуби", гласела Божјата заповед (2. Мојсеева 21,14). „А земјата не може да се очисти од крвта што ќе се пролее на неа поинаку отколку со крвта на оној што ќе ја пролее" (4. Мојсеева 35,33). Сигурноста и чистотата на нацијата барале убиството строго да се казнува. Животот на човечкото суштество мора да се почитува како светиња, зашто него може да го даде само Бог.

Градовите за прибежиште што ги определил Бог за својот народ во старо време претставуваат симбол на прибежиштето што го наоѓаме ние во Христа. Истиот милозлив Спасител, кој во тоа време ги одредил овие градови како привремено засолниште, со пролевањето на својата сопствена крв за престапниците на Божјиот закон, обезбедил сигурно прибежиште во кое тие можат да најдат заштита од втората смрт. Не постои сила која од неговите раце ќе ја истргне душата што ќе му се обрати нему за проштавање. „И сега нема никаква осуда за оние кои се во Исуса Христа." „Кој е

што ќе суди? Христос Исус, кој умре, но уште и воскресна, кој е 517
од десната страна на Бога, и кој се застапува за нас“ (Римјаните 8,1.34). „Преку две неизменливи работи ... да имаме силен поттик - ние што сме побегнале (во Бога) да се добереме до надежта што ни е одредена“ (Евреите 6,18).

Оној што бегал во градот за прибежиште не смеел да губи ниту еден миг. Морал да го напушти семејството и занимањето. Немал време дури ниту да се поздрави со своите најмили. Неговиот живот бил во прашање и сè друго морало да ѝ биде жртвувано на таа единствена цел - да стигне до местото на безбедност. На умор не смеело да се мисли, пречките не се забележувани, бегалецот ниту за миг не се осмелувал да ги забави чекорите сè додека не се нашол меѓу ѕидовите на толку посакуваниот град.

Сè додека не најде засолниште во Христа, грешникот е изложен на опасност од вечна смрт; и како бегалецот колебањето и безгрижноста што можеле да го лишат од единствената шанса и изглед на живот, така исто одложувањето и рамнодушноста можеле да доведат и до пропаст на душата. Големиот непријател, сатаната, секој престапник на Божјиот закон го следи во стапка, и сите кои не се свесни за својата опасност и не бараат сериозно заштита во вечното Засолниште, набргу ќе станат жртва.

Бегалецот кој, во кое било време ќе го напуштил градот за прибежиште, се изложувал на опасност да падне во рацете на крвниот одмаздник. Така народот бил упатуван цврсто да се придржува кон правилата и методите што ги одредила бесконечната Мудрост заради негова сигурност. Не е доволно грешникот само да верува во Христа па гревот да му биде простен; тој мора со вера и послушност да остане во него. „Ако своеволно грешиме откако јасно сме ја запознале вистината, не ни преостанува веќе жртва за гревот, туку страшно очекување на суд и одмаздничка јарост на оган кој ќе ги проголта противниците“ (Евреите 10,26.27).

Две израелски племиња, племето на Гад и на Рувим и половина племе на Манасија, примиле свое наследство уште пред да ја преминат реката Јордан. Пространите висорамнини и богатите шуми на Галад и Васан, кои на тие пастирски племиња им нуделе големи пасишта за нивните стада, нуделе привлечности какви што не можеле да се најдат ниту во Ханан. Сакајќи да останат тука, припадниците на овие две и пол племиња се обврзале да приготват соодветен број вооружени луѓе што, заедно со своите браќа, требало да преминат преку Јордан и да им помагаат во битките
за ослободување на земјата сè додека и тие не се доберат до свое 518
наследство. Така обврската била верно исполнета. Кога другите

десет племиња влегле во Ханан, „и синовите на Рувим и Гад и половина племе на Манасија преминаа ... околу четириесет илјади вооружени за борба преминаа пред Господа кон градот Ерихон за да се борат“ (Исус Навин 4,12.13). Четири долги години храбро се бореле со своите браќа. А потоа настапило време да се вратат во земјата на своето наследство. И како во борбата што биле рамноправни со своите браќа, така рамноправно го поделиле и пленот и се вратиле „во своите шатори со многуброен добиток, со многу сребро, злато, месинг, железо и облека“. Сето тоа требало да го поделат со оние што останале дома, кај своите семејства и кај своите стада.

Тие сега заминувале во својата нова татковина која со реката Јордан била изделена од Светилиштето; и Исус Навин со загрижено срце го гледал нивното одвојување, знаејќи колку тешко и сериозно во својата изолираност и осаменост ќе бидат искушавани да ги примат обичаите на незнабожечките племиња што живееле покрај нивните граници.

И додека мислите на Исуса Навина и на другите водачи сѐ уште биле исполнети со неспокојство и со мрачни претчувства, до ушите им допреле чудни извештаи. На Јордан, недалеку од местото на кое израелскиот народ на толку чудесен начин ја преминал реката, тие две и пол племиња изградиле голем олтар, сличен на олтарот, на жртвеникот, во Силом. Божјиот закон, под закана на смртна казна, забранувал воведување на какво било богослужение покрај службата во Светилиштето. Кога споменатиот олтар би бил подигнат со таква цел, тој би ги одвраќал припадниците на овие племиња од вистинската вера.

Претставници на народот се собрале во Силом и во огнот на својата возбуда и негодување решиле веднаш да завојуваат против престапниците. Меѓутоа, под влијание на оние што биле попретпазливи, било решено прво да се пратат пратеници кои од претставниците на тие две и пол племиња ќе побараат објаснување зошто тие го сториле тоа. Така одбрале десет кнезови, од секое племе по еден. Тоа пратеништво го предводел Финес, кој кај Фегор се истакнал со посебна ревност.

Тие две и пол племиња згрешиле кога без претходно објаснување почнале дело што дало повод за такви тешки сомневања и лоши претчувства. Сметајќи дека нивните браќа сториле тежок грев, пратениците при средбата истапиле со остар прекор. Ги обвиниле за бунт против Господа, опоменувајќи ги да се сетат како Бог ги казнил Израелците кога се клањале пред Ваал-Фегора. Во
519 име на цел Израел, Финес ги повикал синовите на Рувим и Гад, доколку не сакаат во таа земја да живеат без олтарот за жртви

паленици, да им се придружат на другите браќа, од другата страна на реката, и со нив да го делат нивниот имот и другите предности.

Во својот одговор обвинетите објасниле дека нивниот олтар не е подигнат со цел да биде и жртвеник, туку само да послужи како сведоштво дека и тие имаат иста вера како и нивните браќа во Ханан, иако ги разделува реката. Се плашеле нивните деца во иднина да не бидат отстранети од Светилиштето како да не се припадници на израелскиот народ. Тогаш овој олтар, изграден според мустрата на Господовиот олтар во Силом, би претставувал очигледно сведоштво дека неговите градители исто така биле поклоници на живиот Бог.

Пратениците со голема радост го примиле ова објаснување и веднаш им однеле порака на оние што ги пратиле. Сите воени намери биле напуштени и народот се обединил радувајќи се и фалејќи го Бога.

Тогаш синовите на Рувим и Гад врежале натпис на олтарот за да се знае зошто е подигнат: „Сведок е меѓу нас дека Господ е Бог“, рекле. На тој начин сакале да ги отстранат идните недоразбирања и искушенија.

Колку често поради обични недоразбирања настануваат сериозни тешкотии дури и меѓу оние што имаат најчесни намери; и ако нема учтивост и попуштање, можат да настанат тешки па дури и судбоносни последици. Припадниците на десетте племиња имале на ум како Бог негодувал во случајот на Ахана што немало доволно будност за да се откријат гревовите што биле меѓу нив. Затоа овојпат решиле да постапат брзо и решително. Но, настојувајќи да ја одбегнат претходната грешка, отишле во спротивна крајност. Наместо пријателски да се распрашаат и да ги дознаат фактите во целиот случај, тие ги обвинувале и ги осудувале своите браќа. Кога синовите на Гад и Рувим би одговориле со ист дух, сигурно е дека би избила војна. Додека од една страна е важно кон гревот да се постапи строго и решително, од друга страна исто така е важно да се одбегнуваат избрзаните решенија и неоснованите сомневања.

Има луѓе кои се мошне чувствителни кога ќе се изнесе и најмалечка забелешка на сметка на нивното однесување, но премногу се строги во постапките кон оние за кои претпоставуваат дека се во заблуда. Со прекорите и со осудувањето уште никој и никогаш не бил ослободен од своето погрешно мислење и вратен на подобар пат, но мнозина на тој начин уште повеќе се оддалечени од вистинскиот пат и наведени своето срце да го затворат пред какви било докази и убедувања. Пријателското расположение, добрината, учтивоста 520
и подготвеноста да се попушта можат да го спасат заблудениот и да покријат мноштво гревови.

Мудроста што ја покажале синовите на Рувим, Гад и Манасија треба не само да се пофали, туку и да се следи. Додека искрено се труделе да ја унапредат вистинската вера, за нив погрешно се судело и биле строго прекорувани; па сепак, тие не возвратиле со иста мера. Пријателски, учтиво и стрпливо ги ислушале обвинувањата на своите браќа пред да се обидат да се бранат, и дури потоа убаво објасниле зошто го сториле тоа и целосно ја докажале својата невиност. Така на пријателски начин е отстранета тешкотијата што можела да има сериозни и тешки последици.

Оние што имаат право можат дури и кога се лажно обвинети да останат и спокојни и полни со обѕири. На Бога му е познато сѐ што луѓето погрешно го разбираат и погрешно го изнесуваат, и секој наш случај можеме со сигурност да го препуштиме во негови раце. Сите што му го доверуваат својот проблем нему, можат да бидат сигурни дека Тој ќе го реши исто онака како што ја пронашол кривицата на Ахана. Срцето со кое управува Христов дух ќе ја покажува онаа љубов која „долго трпи и милокрвна е“.

Божја волја и желба е меѓу неговиот народ да владее единство и братска љубов. Непосредно пред своето распнување Христос се молел за своите ученици да бидат едно како Тој што бил едно со Отецот за светот да верува дека Тој бил од Бога пратен. Таа необично трогателна и прекрасна молитва се однесува на неговите следбеници низ сите столетија сѐ до нашите денови, зашто Тој посебно нагласува: „Не се молам само за нив, туку и за оние што со помош на нивните зборови ќе поверуваат во мене“ (Јован 17,20). Иако не смееме да жртвуваме ниту едно начело на вистината, мораме постојано да се залагаме настојувајќи да постигнеме состојба на такво единство. Со тоа ќе докажеме дека и ние сме негови ученици. „По тоа“, кажува Христос, „сите ќе познаат дека сте мои ученици ако имате љубов меѓу себе“ (Јован 13,35). А апостол Петар ја бодри црквата со овие зборови: „А најпосле бидете сите еднодушни, жалосливи, братољубиви, милосрдни, дружељубиви, понизни; не враќајте зло за зло, или хула за хула, туку, напротив - благословувајте, знаејќи дека за тоа сте повикани за да наследите благослов“ (1. Петрово 3,8.9).

49

# ПОСЛЕДНИТЕ ЗБОРОВИ НА ИСУС НАВИН

*Оваа глава е заснована на Книгата на Исус Навин 23 - 24 глава*

Најпосле војните и освојувањата на земјата завршиле и Исус Навин се повлекол во мирен семеен живот во Тамнат-Сарах. „По многу време, откако Господ Бог го успокои Израел од сите околни непријатели, Исус навлезе во години и остаре. И ги свика Исус сите синови Израелови - нивните старешини, судии и управители.“ Поминале веќе неколку години откако народот се одомил во своето наследство и веќе можеле да се забележат плодовите на истите зла кои на Израел порано му донесувале казни. Кога Исус Навин почувствувал дека го обзема старечка немоќ и увидел дека неговата животна задача наскоро мора да заврши, се загрижил за иднината на својот народ. И кога уште еднаш се собрале околу својот остарен водач, тој им се обратил со зборови од кои се видела татковска љубов: „Видовте сè што стори вашиот Господ Бог пред вашето лице со сите тие народи, бидејќи вашиот Господ Бог се бореше за вас.“ Иако Хананците главно биле покорени, тие сè уште држеле значителен дел од земјата што им била ветена на Израелците, па Исус Навин го храбрел својот народ да не потклекне и да не ја заборави Господовата заповед според која тие идолопоклонички народи требало сосема да се истераат.

Народот во поголем број случаи се колебал потполно да ги истера незнабошците. Племињата се повлекле секое на своето наследство, војската била рзспуштена и изгледите војната да се обнови биле мошне слаби. Но Исус Навин рекол: „Вашиот Господ Бог ќе ги гони и ќе ги истера пред вас и вие ќе ја наследите нивната земја, како што ви вети вашиот Господ Бог. Затоа трудете се најточно да внимавате и да исполнувате сè што е напишано во книгата на Мојсеевиот закон, не отстапувајќи од него ниту надесно, ниту налево.“

Исус Навин го повикал народот сам да посведочи дека Бог ги 522
исполнил сите дадени ветувања доколку тие од своја страна ги

исполниле условите за тоа. „Познајте со сето свое срце и со сета своја душа", нагласил, „дека не изостана ништо од сето добро што ви го вети вашиот Господ Бог." Освен тоа, истакнал дека Бог ќе ги исполни и сите закани како што ги исполнил и своите ветувања. „И како што ви се исполни секое ветување што ви го даде вашиот Господ Бог, така Господ ќе го излее сето зло на вас ... Ако го престапите заветот на својот Господ Бог ... ќе се разгори јароста на Господа против вас и вие бргу ќе исчезнете од таа добра земја што ви ја даде."

Сатаната мнозина измамува со навидум прифатливата теорија дека Божјата љубов кон неговиот народ е толку голема, што ќе им го прости секој грев; тој прикажува дека заканите на кои наидуваме во Божјата реч се упатени само затоа луѓето да се поправат, но дека тие никогаш нема буквално да се исполнат. Меѓутоа, Бог во своето целокупно постапување со своите созданија, придржувајќи се кон начелата на праведноста, го открил вистинскиот карактер на гревот - покажувајќи дека негови неминовни последици се само беда и смрт. Безусловно проштавање на гревот никогаш немало ниту ќе има. Таквото проштавање би покажало дека се напуштени начелата на правдата што претставуваат основа на Божјето владеење. Тоа би ги вчудовидело жителите на безгрешните светови во целата вселена. Бог верно укажал на последиците на гревот, и ако тие опомени не би биле вистинити, тогаш како би можеле да веруваме и во сигурноста на неговите ветувања? Таа божемна добрина, која би ја потиснала правдата, не е добрина туку слабост.

Бог е Творец и извор на животот и сите негови закони уште од почеток се дадени за живот. Но гревот го прекинал поредокот што го завел Бог и настанала дисхармонија. Сè додека постои грев, страдањата и смртта се неизбежни. И само затоа што Спасителот заради нас ја понел на себе „клетвата на гревот", ние можеме да се надеваме дека Тој ќе нè ослободи и од страшните последици што ги носи гревот со себе.

Одзивајќи се на повикот што го упатил Исус Навин непосредно пред својата смрт, старешините и претставниците на племињата повторно се собрале во Сихем. Во целата земја немало град кој повеќе би ги потсетувал на нивните многубројни свети спомени,
523 упатувајќи ги нивните мисли на Божјиот завет склучен со Аврама и Јакова и на нивната свечена обнова на заветот што го склучиле влегувајќи во Ханан. Тука биле горите Евал и Гаризим, немите сведоци на нивната свечено дадена заклетва која сега, вака собрани околу својот водач пред смрт, требало да ја обноват. На сите страни имало сведоштва што зборувале за тоа што сè Бог сторил за нив; како им ја дал земјата за која не се мачеле, градови што не

ги граделе, лозја и маслинови градини што не ги саделе. Исус Навин уште еднаш ја повторил целата историја на Израел, наведувајќи ги чудесните Божји дела за сите да ја увидат неговата љубов и милост и да му служат „верно и вистинито“.

По наредба на Исуса Навина, од Силом е донесен ковчегот на заветот. Таа пригода била необично свечена и тој симбол на Божјето присуство имал длабок и траен впечаток, што Исус Навин сакал да го остави врз народот и да го стори уште повпечатлив. Откако ја изнел Божјата добрина покажана кон Израелците, ги повикал во име на Јехова да изберат кому ќе му служат. Сѐ уште потајно обожавале идоли, и затоа Исус Навин сега настојувал да ги наведе на одлука со која тој грев ќе биде истеран од Израел. „Ако, пак, не ви е угодно да му служите на Господа“, рекол, „одберете си сега кому ќе му служите.“ Сакал да ги наведе да му служат на Бога, но не присилно, туку сосем доброволно, зашто љубовта кон Бога претставува вистинска основа на верата. Ако му служиме на Бога само затоа што се надеваме на ветената награда или од страв од казна, тоа не ни вреди ништо. Лицемерството и формалното учествување во верските обреди го навредува Бога повеќе отколку отворениот отпад.

Стариот водач на претставниците на народот силно им нагласил добро да размислат за сѐ што им кажал и да решат дали навистина сакаат да живеат онака како што живееле понижените незнабожечки народи околу нив. Ако не ви се допаѓа да му служите на Јехова, кој е извор на сила и благослов, тогаш одберете денеска кому ќе му служите: - „Или на боговите на кои им служеа вашите татковци“, од кои Аврам на Божји повик се одвоил, „или на боговите на Аморејците во чијашто земја живеете“. Овие последни зборови биле остар прекор за Израелците. Боговите на Аморејците не биле во состојба да ги заштитат и да ги одбранат своите поклоници. Поради своите одвратни и понижувачки гревови, тие безбожни народи се уништени, а сета добра земја што некогаш ја држеле му била предадена на Божјиот народ. Каква лудост за Израел да ги одбере боговите на Аморејците - идолопоклонство поради кое тие народи биле уништени! „А јас и мојот дом“, рекол Исус Навин, „ќе му служиме на Господа.“ Истата света ревност 524
што го инспирирала срцето на нивниот водач, била пренесена и врз народот. По негово барање дошол решителен и еднодушен одговор: „Да не даде Бог да го оставиме Господа и да им служиме на другите богови.“

„Не можете да му служите на Господа“, рекол Исус Навин, „зашто Бог е свет, Бог ревнител, и нема да го поднесува вашето неверство и вашите гревови.“ Пред да може да се зборува за трајна

реформа, тие морале да бидат наведени да ја почувствуваат својата целосна неспособност со сопствена сила да му служат на Господа. Тие го престапиле неговиот закон кој ги осудувал како престапници, не предвидувајќи начин за ослободување од таа осуда. И сè додека се потпирале врз својата сила и правда, не можеле да постигнат проштавање на гревот. Тие не биле во состојба да ги задоволат барањата на совршениот Божји закон и попусто се обврзувале дека ќе му служат на Господа. Само со вера во Христа можеле со сигурност да добијат проштавање на гревот и сила да го држат Божјиот закон. Морале да престанат својата надеж во спасение да ја темелат на своите сопствени напори. За да му бидат угодни на Бога, морале целосно да се потпрат врз заслугите на ветениот Спасител.

Исус Навин се трудел неговите слушатели добро да ја одмерат тежината на своите зборови и да се воздржат од завет за чиешто исполнување не биле подготвени. Но тие својата изјава ја повториле искрено и со длабока сериозност: „Не, туку ќе му служиме на Господа." Изјавувајќи еднодушно дека сами себеси се сведоци оти го одбрале Јехова, уште еднаш ја повториле својата заклетва на верност нему: - „Ќе му служиме на нашиот Господ Бог и ќе го слушаме неговиот глас."

„Така Исус направи завет со народот во оној ден и им постави уредби и закони во Сихем." Бидејќи за тој свечен настан напишал извештај, истиот, заедно со книгата на законот, го ставил покрај ковчегот на заветот. Подигнал и столб како споменик, велејќи: „Овој камен нека ни биде сведок, зашто ги слушна зборовите што ги зборуваше Господ; тој ќе биде сведок да не го лажете својот Бог. Потоа Исус го распушти народот, секој на неговото наследство."

Со ова делото на Исуса Навина за израелскиот народ било завршено. Тој „наполно се држеше за Господа", и во Божјата книга покрај неговото име пишува: „Господов слуга". Најблагородна пофалба и сведоштво за неговиот карактер како јавен и општо познат водач е историјата на она поколение што ги уживало плодовите на неговиот труд: „И му служеше Израел на Господа во сите Исусови денови и во сите денови на старешините кои го поминаа времето со Исуса и кои ги видоа сите дела што му ги направи Бог на Израел."

50

# ДЕСЕТОЦИ И ПРИНОСИ

Во еврејскиот систем една десетина од народните приходи се изделувала за потребите на јавното богослужение. На Израел тоа му било објавено преку Мојсеја: „Секоја десетина од земјата, од полските посеви и од плодовите на дрвјата, му припаѓа на Господа - тоа е светиња Господова." „И секое десетто од крупниот и од ситниот добиток, што поминува под пастирски стап, треба да му се посвети на Господа." (3. Мојсеева 27,30.32).

Но системот на десеток не потекнува од Евреите. Уште од најстари времиња Господ полагал право на десеттиот дел и тоа секогаш било признато и почитувано. Аврам му дал десеток на свештеникот на севишниот Бог, Мелхиседек (1. Мојсеева 14,20). А кога Јаков како изгнаник и патник заноќевал во Ветил, му се заветувал на Господа велејќи: „Од сè што ќе ми дадеш, десетто ќе ти дадам тебе" (1. Мојсеева 28,22). И кога Израелците биле организирани како нација, законот за десеток е потврден како Божја уредба и од почитувањето на таа уредба зависела нивната благосостојба.

Уредбата за десетокот и даровите е дадена со цел во мислите и во срцата на луѓето да ја втисне големата вистина - дека Бог е извор на сите благослови подарени на неговите созданија и дека луѓето нему му должат благодарност за добрите дарови на неговото провидение.

„Тој на сите им дава живот, дишење и сè" (Дела 17,25). Господ кажува: „Зашто сите шумски животни се мои и стоката по многубројните гори" (Псалм 50,10). „Мое е среброто и мое е златото" (Агеј 2,8).

Луѓето можат да стекнат имот само ако Бог им подари сила за тоа (5. Мојсеева 8,18). Како признание дека сето тоа доаѓа од него, Господ бара еден дел од неговите добра да му се врати во вид на дарови и прилози наменети за одржување на неговата служба.

„Секој десеток е Господен." Тука е употребен ист облик на изразување како и во заповедта што се однесува на празнувањето

526 на саботата: „А седмиот ден е одмор посветен на твојот Господ Бог“ (2. Мојсеева 20,10). Еден одреден дел од времето и од средствата доверени на луѓето Бог задржал за себе и човекот не може ниеден од тие делови да задржи за себе а да не се огреши.

Десетокот исклучиво бил наменет за Левитите, племе што било одбрано и изделено за служба во Светилиштето. Но тоа не претставувало некоја граница за приложување за верски цели. Шаторот за состанок, а подоцна и храмот, биле изградени исклучиво од доброволни дарови; а да се намират неопходните поправки и другите издатоци, Мојсеј наредил при секое пребројување на народот секој да приложи по половина шекел за „служба во Светилиштето“. Во времето на Немија таков принос се собирал секоја година. Види: 2. Мојсеева 30,12-16; 2. Царевите 12,4.5; 2. Дневникот 24,4-13; Немија 10,32.33.

Повремено на Бога му се принесувани и жртви благодарници и жртви паленици за гревот. Најголем број жртви се принесувани на годишните празници. А штедро се прилагало и за сиромашните.

Дури и пред да биде можно да се приложи десеток, на Бога му се оддавало признание за неговите благослови. Првиот меѓу земните плодови што би узреал, му бил посветуван нему. Првата волна при стрижењето на овците, првото жито од гумно, првото масло и првото вино, биле изделувани за Господа; исто така и секое прво добиено младенче од добитокот и од стадото; за првородениот син е давана откупнина. Првите плодови морале да се изнесат пред Господа во Светилиштето и тие им припаѓале на свештениците.

Така народот постојано бил потсетуван дека Господ е вистински сопственик на нивните ниви и на нивните стада овци и говеда, дека Тој со благотворните зраци на сонцето и дождот им овозможил сеидба и жетва, дека Тој е Творец на сè што имаат и дека нив ги сторил само повереници на неговите добра.

Израелците, натоварени со првите плодови од своите ниви, овоштарници и лозја, кога се собирале пред Светилиштето, тоа претставувало јавно признавање на Божјата добрина. Предавајќи му ги даровите на свештеникот, дародавецот зборувал како Јехова да е пред него: „Татко ми беше арамејски патник“, а потоа го опишувал престојувањето во Египет и маките од кои Бог ги избавил Израелците. „И нè изведе Господ од Египет со својата голема сила, со силна рака и со цврста мишка, со големи виденија,
527 со знаци и чудеса. Па нè доведе на ова место и ни ја даде оваа земја, земја во која тече мед и млеко. И така, ете, ги донесов првините од плодовите на земјата што ми ја даде ти, Господе“ (5. Мојсеева 26,5.8-11).

Прилозите што се барале од Евреите за верски и доброволни цели изнесувале полна четвртина од целокупните нивни приходи. Можело да се очекува толку високите дажбини да го осиромашат народот; но напротив, верното исполнување на овие прописи всушност претставувало еден од условите на нивниот напредок и благосостојба. Под услов да бидат послушни, Господ го дал следното ветување: „Заради вас ќе им забранам на скакулците да не ви ги уништуваат посевите, и вашата лоза во полето нема да остане без плод ... и блажени ќе ве наречуваат сите народи, оти ќе бидете земја посакувана, вели Господ Саваот“ (Малахија 3,11.12).

Впечатлив приказ за последиците на себичното задржување токму на оние доброволни дарови за Божјето дело, јасно бил даден во деновите на пророк Агеј. По своето враќање од вавилонско ропство, Евреите решиле да го обноват Господовиот дом; но, наидувајќи на решителен отпор од страна на своите непријатели, ја прекинале работата и, погодени со голема суша која навистина ги осиромашила, тие дошле до заклучок дека било неможно да се заврши градењето на храмот. „Уште не дошло време“, заклучиле тие, „време да се изгради домот Господен.“ Но Господ порачал преку својот пророк: „А за вас време ли е да живеете во украсени домови кога Светилиштето е запуштено. Затоа сега вака вели Господ Саваот: ’Свртете го своето срце на вашите патишта. Сеете многу, а собирате малку; јадете, а не се заситувате; пиете, а не се напивате; се облекувате, но не се стоплувате; оној што печали пари, ги става во дупнато ќесе’“ (Агеј 1,2-6). А потоа е наведена причината: „Се надевавте на изобилство, а ете, малку е; што ќе внесете дома, тоа јас го раздувувам. Зошто? - прашува Господ Саваот. Затоа што мојот дом е пуст, а секој од вас се грижи за својот дом. Па поради тоа небото се затвори и не ви дава роса и земјата не ви дава плодови. Затоа повикав суша на земјата, на горите, на житото, на лозјата, на маслото и на сѐ што раѓа земјата, на луѓето и добитокот и на секој со мака стекнат плод“ (Агеј 1,9-12). „Какви бевте порано? Доаѓавте до куп од дваесет мери, а имаше само де- *528*
сет! Доаѓавте при каца да нацрпете педесет мери, а имаше само дваесет! Со гламја и со град ги поразував вашите жита и делата на вашите раце“ (Агеј 2,16.17).

Трогнати со овие опомени, Израелците се дале на работа да го изградат Божјиот дом. А тогаш им дошла вест од Господа: „Затоа добро внимавајте од денеска за напред - од дваесет и четвртиот ден, деветтиот месец, кога почна да се гради храмот Господен, внимавајте добро ... од денеска јас ќе благословувам“ (Агеј 2,18.19).

Мудрецот кажува: „Еден штедро дава, и сѐ повеќе има; друг е прекумерно скржав - и пак е сиромав“ (Мудри изреки 11,24).

Истата поука ја повторува и апостол Павле во Новиот завет: „Кој скржаво сее, скржаво и ќе пожнее, а кој благослов сее, благослов и ќе пожнее.“ „А Бог е силен да умножи во вас секаква благодат па, имајќи секогаш доволно сè, да бидете од сè срце дарежливи во секое добро дело“ (2. Коринќаните 9,6.8).

Божја намера била Израелците како негов народ да им бидат светлина на сите народи на земјата. Нивните богослуженија, одржувани така да бидат пристапни за секого, требало да претставуваат сведоштво за постоењето и за сувереноста на живиот Бог. За нив било посебно предимство со своите прилози за одржување на тоа богослужение да ја покажат својата верност и љубов кон него. Бог тоа го уредил така за светлината и вистината на земјата да се шират благодарение на напорите и жртвите на оние кои веќе располагаат со небесните дарови. Тој можел ангелите да ги стори застапници на својата вистина; можел својата волја да ја објави со сопствен глас, како што го објавил законот на Синајската гора; но, во својата безгранична љубов и мудрост, Тој ги повикал луѓето, учествувајќи во тоа дело, да бидат негови соработници.

Во времето на старозаветниот Израел давањето на десеток и дарови било неопходно за одржување на богослуженијата и верските обреди. А треба ли Божјиот народ денеска да дава помалку? Според начелото што го поставил Христос, нашите дарови за Бога треба да бидат во сразмер со светлината и предимствата
529 што ги уживаме. „Кому му е многу дадено, многу и ќе се бара од него“ (Лука 12,48). Зборови на Спасителот упатени до учениците кога ги праќал на служба биле: „Бесплатно добивата, бесплатно давајте“ (Матеј 10,8). Бидејќи нашите предимства и благослови се многу поголеми, а пред сè затоа што постојано пред очи ја имаме неспоредливата жртва на Божјиот Син - зар тогаш не треба и нашата благодарност да биде изразена со уште поизобилни дарови за пораката на спасението да допре и до другите? За да се одржи и да напредува делото на евангелието, кое сè повеќе се шири, се бара повеќе отколку што се барало во времето на старозаветниот Израел. Токму тоа законот за десетокот и приносот денеска го прави уште понеопходен отколку во времето на стариот завет. Божјиот народ, наместо да прибегнува кон нехристијански и несвети методи само да ја наполни благајната, кога поизобилно би го потпомагал Божјето дело со своите доброволни дарови, Бог би бил почитуван и многу повеќе души би биле придобиени за Христа.

Мојсеевиот план да се соберат средства за градење на Светилиштето бил мошне успешен. Не било потребно да се повторува барањето. Тој не се служел со лукавства кон кои денеска толку често прибегнуваат многу цркви. Не правел некои големи свече-

ности. Не ги викал луѓето на свечени празници, на игранки или на заеднички веселби, ниту пак организирал некакво проштавање на гревот за пари или нешто слично. Тој не се служел со такви и слични несвети средства за да се добере до средства за подигање на Божјето Светилиште. Господ му наредил на Мојсеја да ги повика синовите Израелови да донесат дарови. Тој требало да прими прилог од секого кој доброволно и од срце давал. И дарови се донесувани во толкаво изобилство, што Мојсеј морал да нареди да престанат да донесуваат, зашто било приложено повеќе отколку што можело да се употреби.

Бог луѓето ги сторил свои повереници. Имотот што го ставил во нивни раце всушност се средства што Тој ги предвидел за ширење на евангелието. На оние што ќе се покажат како верни повереници, Тој ќе им довери и поголеми одговорности. „Јас ќе ги почитувам оние“, кажува Господ, „што ме почитуваат мене“ (1. Самоилова 2,30). „Бог го љуби оној кој доброволно дава“, и кога неговиот народ со радосно и благодарно срце му ги носи своите дарови и прилози нему, „не со жалост ниту неволно“, тогаш ќе го придружуваат негови обилни благослови како што ветил во својата Реч: „Донесете ги сите десетоци во ризницата за да има храна во мојот дом, и испитајте ме во тоа, вели Господ над војските - зар нема да ги отворам небесните брани и нема ли да излеам врз вас полна мера благослов?“ (Малахија 3,10).

51

# БОЖЈА ГРИЖА ЗА СИРОМАСИТЕ

За да се поттикне народот да доаѓа на богослуженијата и да им се помогне на сиромасите, бил заведен уште еден десеток од целокупниот приход. Во врска со првиот десеток, Господ рекол: „Еве, на синовите Левиеви им ги давам во наследство сите десетоци од Израел“ (4. Мојсеева 18,21). А за вториот десеток Тој наредил: „И тогаш јади го десетокот од своето жито, од своето вино, од своето масло и првините од својот крупен и ситен добиток пред твојот Господ Бог, во местото што ќе го одбере Тој да се призива таму неговото вечно име; така да се научиш да се боиш од твојот Господ Бог“ (5. Мојсеева 14,23.29; 16.11-14). Тој десеток, или соодветна вредност во пари, морале секоја втора година да го донесат во местото каде што се наоѓало Светилиштето. Откако на Бога му е принесена жртва благодарница и одреден дел му е даден на свештеникот, поклониците од преостанатиот дел приредувале верска гозба на која биле повикувани Левитите, странците, сирачињата и вдовиците. На тој начин на годишните празници се водела грижа за жртвите благодарници и за гоштавање на присутните, а народот бил привлечен во друштво на Левитите и свештениците да ги упатат и да ги охрабрат да му служат на Бога.

Меѓутоа, секоја трета година овој друг десеток е употребуван дома за гостење на Левитите и сирачињата, како што рекол Мојсеј: „Да јадат во твоите места и да се наситат“ (5. Мојсеева 26,12). Тој десеток претставувал фонд за добротворни цели и за негување на гостољубивост.

Покрај тоа, имало и други прописи и мерки за заштита на сиромасите. Освен во признавањето на Божјите барања, законите дадени преку Мојсеја со ништо не се одликуваат во толкава мера како со дух на доброволно, нежно и гостољубиво постапување со сиромасите. Иако Бог ветил дека својот народ обилно ќе го благослови, сепак негова намера не била меѓу нив да не се знае за сиромаштво.
531 Тој дури рекол дека земјата никогаш нема да биде без сиромаси. Во неговиот народ секогаш ќе има и такви кои ќе имаат потреба од сожалување, нежност и доброчинство. Како и денеска, и тогаш

луѓето страдале од несреќи, од болести и скудност; сепак, сѐ додека се придржувале кон упатствата примени од Бога, меѓу нив немало питачи ниту такви кои биле оставени без леб.

Божјиот закон на сиромасите им дава право на извесен дел од земните плодови. Ако некој бил гладен, имал право да сврати во најблиската нива, овоштарник или лозје и слободно да земе онолку колку што му било потребно да го утажи гладот. Во сообразност со таа одредба, и Христовите ученици тргале класје и јаделе жито, кога една сабота поминувале низ поле со зрело жито.

Сѐ што преостанувало на полињата, во овоштарниците и лозјата по жетвата и бербата, им припаѓало на сиромасите. „Кога жнееш на својата нива", рекол Мојсеј, „и заборавиш сноп на нивата, не враќај се да го земеш ... кога ги береш своите маслинки, не враќај се да ги добереш останатите: тие нека останат за придојденикот, сиромавиот и вдовицата. Па сети се дека и ти беше роб во египетската земја" (5. Мојсеева 24,19-22; 3. Мојсеева 19,9.10).

Секоја седма година биле предвидени посебни повластици за сиромасите. Ја викале саботна година и таа почнувала веднаш по жетвата. Во времето на сеидбата, која настапувала веднаш по бербата, таа година не смееле да сеат. На пролет не смееле да ги подврзуваат лозјата ниту да очекуваат каков и да било придонес од нивите ниту од лозјата. Од она што ќе родело само од себе можеле да јадат само додека било тазе, но ништо не смееле да ставаат во магацин. Плодовите таа година морале да се оставаат за дојдениците, за сирачињата и за вдовиците, па дури и за полските животни (2. Мојсеева 23,10.11; 3. Мојсеева 25,5).

Но ако земјата раѓала само толку да ги покрие редовните потреби, тогаш од што народот можел да живее оние години кога немало жетва? Бог ветил дека Тој ќе се погрижи за тоа. „Јас ќе излеам свој благослов шестата година, и таа ќе даде плод за три години; а осмата година ќе сеете, но ќе јадете од старите производи до деветтата година; и додека не узреат нејзините плодови, ќе јадете од старото" (3. Мојсеева 25,21.22).

Празнувањето на саботната година требало да биде од полза 532
и за земјата и за народот. Кога земјата седмата година останувала необработена, идната година раѓала уште повеќе. Народот бил ослободен од тешките полски работи; но, иако некои работи сепак можеле да продолжат, сите го користеле слободното време во пријатен одмор, што им давало можност да ги освежат своите физички сили за напорите во следната година. Имале повеќе слободно време да се посветат на размислување и молитва, на запознавање со науката и со Господовите барања и на поучување на своите семејства.

Секоја саботна година Евреите морале да ги отпуштат своите робови и тоа не без соодветна отпремнина. Господовата заповед за тоа гласела: „Кога ќе го пуштиш на слобода, не отпуштај го со празни раце, туку дарувај го со нешто од твоите овци, од твојата пченица и од твоето вино; дај му од она со што те благословил твојот Господ Бог " (5. Мојсеева 15,13.14).

Наемот на работникот морал да му се исплати веднаш: „Не оставај го без плата бедниот и сиромавиот наемник, без разлика дали е тој твој сонародник или дојденик од некој град во твојата земја. Секој ден исплати му ја заработувачката пред да зајде сонцето, зашто сиромавиот за неа копнее" (5. Мојсеева 24,14.15).

Биле дадени посебни прописи и во врска со постапувањето со оние што бегале од своите господари: „Не го предавај робот на неговиот господар, кога ќе избега при тебе од својот господар; нека живее со тебе, меѓу вас нека живее во секое место што ќе му биде угодно; не јадосувај го" (5. Мојсеева 23,15.16).

За сиромасите седмата година била година на проштавање на долговите. На Евреите им било наредено секогаш да ги помагаат своите сиромашни браќа, позајмувајќи им пари без камата. Изрично било забрането да се зема лихварски интерес од сиромашните луѓе. „Ако твојот брат осиромаши и изнемошти при тебе, прими го; и нека живее со тебе како придојден или како гостин. Не земај од него ниту лихва ниту печалба. Бој се од својот Бог и твојот брат нека живее со тебе. Не позајмувај му пари со камата ниту му давај лихварски храна" (3. Мојсеева 25,35-37). Ако долгот останал
533 неплатен до прошталната година, тогаш не можела да се наплатува дури ни главницата. Народот бил изрично и строго предупреден во никој случај да не им ја скусува помошта на своите сиромашни браќа: „Ако се најде при тебе некој сиромав, некој од твоите браќа ... не го затворај срцето и не ја стискај раката пред твојот брат што има потреба... Пази се да не влезе во твоето срце лукава мисла па да речеш: 'Наближува седма година, година на проштавање', и да не стане окото твое злобно спрема твојот сиромав брат што има потреба и да му откажеш; зашто тој ќе повика против тебе пред Господа, и на тебе ќе падне голем грев." „Бидејќи сиромаси ќе има секогаш во твојата земја, затоа и ти заповедам, велејќи ти: 'Отворај ја својата врата за твојот брат, за твојот беден и за оној што моли во твојата земја'". „Туку отвори му ја својата рака и дај му заем, колку што му треба и колку што му недостига" (5. Мојсеева 15,7-9.11.8).

Никој не морал да се плаши дека ќе осиромаши поради својата дарежливост. Послушноста кон Божјите заповеди донесувала и осигурувала само напредок и благосостојба: „И ти ќе даваш заем

на многу народи, а самиот нема да земаш заем; и ќе владееш со многу народи, а над тебе нема да владеат“ (5. Мојсеева 15,6).

По седум „саботни години“, „седум пати по седум години“, настапувала голема прошталнa година - јубилеј. „Објавете со трубен глас во целата ваша земја. Таа педесетта година прогласете ја за света. Во земјата прогласете слобода за сите нејзини жители. Тоа нека ви биде јубилеј, прошталнa година. Секој ваш нека се врати на своето наследство; секој нека се врати кај својот род“ (3. Мојсеева 25,9.10).

Трубата што го најавувала јубилејот требало да екне „десеттиот ден седмиот месец, на денот на чистењето“. Низ сета земја каде што живееле Евреи се слушал звук на труба кој ги повикувал сите Израелови синови да го поздрават настапувањето на прошталната година. Големиот ден на измирување на Израел му носел проштавање на гревот и народот со радост го поздравувал овој свечен јубилеј.

Како и секоја саботна година, земјата не смеела ниту да се засејува ниту да се жнее, а сѐ што родило само од себе, се сметало за законита своина на сиромасите. И робовите од еврејско потекло, кои поради специфичноста на својата положба не биле ослободени во саботната година, сега се пуштени на слобода. Посебен белег на јубилејната година: сите земјишни поседи им се враќале на нивните првобитни сопственици. По Божја заповед земјата на народот му била поделена со „ждрепка“. По извршената делба ни- 534
кому не му било дозволено да тргува со своето наследство. Никој немал право својата земја да ја продава, со исклучок ако на тоа го натера сиромаштвото; а ако тој, или некој од неговите, кога и да посакал да ја откупи својата некогашна земја, купувачот не смеел да не му ја продаде назад; а ако и не можел да ја откупи, земјата за време на јубилејната година сепак морала да му биде вратена на првобитниот сопственик или на некого од неговите наследници.

Господ на Израелците им објаснил: „Но земјата да не се продава за секогаш, зашто земјата е моја“ (3. Мојсеева 25,23). На народот во душата требало да му се вреже фактот дека земјата што му била привремено дадена во посед всушност е Господова, и дека Тој како законит и првобитен сопственик посебно води грижа за сиромасите и несреќните. На сите требало јасно да им се стави на знаење дека сиромасите имаат исто толку права да живеат во Божјиот свет колку и имотните.

На тој начин нашиот милосрден Творец се погрижил да ги намали патилата на сиромасите и страдалниците и во нивниот живот да внесе некој зрак на надеж и сончева светлина.

Господ сакал да го оневозможи неумереното напластување на богатство и моќ. Големите зла се неизбежен резултат токму на претераното напластување на богатство кај едни и сиромаштвото и понижувањето кај други. Кога моќта на богатите не би била ограничувана, таа најпосле би станала толку голема што сиромасите, иако во Божјите очи достојни за секоја почит, би биле сметани за пониски и подредени од страна на своите поимотни браќа. Меѓутоа, свеста за таа подреденост би морала да предизвика незадоволство и гнев кај сиромасите. Тоа кај нив би создавало чувство на очај и безнадежност што неминовно води кон деморализирање на едно општество и кон злосторство од секој вид. Прописите што ги воспоставил Бог се дадени со цел да ја помогнат социјалната рамноправност. Со мерките преземани на овој начин секоја саботна, а особено за време на прошталната година, во голема мера било регулирано сѐ она што во меѓувреме е пропуштено во социјалниот, политичкиот и економскиот живот на нацијата.

Тие прописи се дадени со цел да им донесат благослов не само на сиромасите, туку и на богатите. Ја спречувале дрчноста и желбата за самоизвишување и поттикнувале дух на благородност и доброчинство, а со тоа што меѓу сите класи развивале трпеливост и доверба, потпомагале прогрес на општествениот поредок
535 и стабилност на управата што владеела со народот. Во големиот сплет на човештвото сите ние меѓусебно сме поврзани и сѐ што можеме да сториме за да ги усреќиме и да ги издигнеме другите, ни се враќа нам во вид на благослов. Законот за заемна зависност ги опфаќа сите општествени класи. Сиромавиот не зависи од богатиот повеќе отколку богатиот што зависи од сиромавиот. Додека сиромасите копнеат за благословите што им ги доделил Бог на нивните имотни браќа, богатите чувствуваат дека не можат без верната служба, без силата на умот, коските и мишките, што е капитал на сиромасите.

Под услов на послушност кон Господовите наредби, на Израелците им се ветени големи благослови. „Ќе ви давам дожд на време, па земјата ќе раѓа род, а дрвјата во полето ќе носат плод. Вршидбата ќе ви ја следи бербата, а бербата ќе ја следи сеидбата. Ќе јадете леб во изобилие, и во својата земја ќе живеете во сигурност. На земјата ќе ѝ дадам мир така што ќе спиете а никој нема да ве плаши ... Ќе престојувам меѓу вас и ќе бидам ваш Бог, а вие ќе бидете мој народ ... Но ако не ме послушате и ако не ги држите сите овие мои заповеди ... ако го раскинете мојот завет ... залудно ќе сеете семе, зашто ќе го јадат вашите непријатели. Ќе го свртам моето лице против вас и ќе паѓате пред вашите непријатели; над

вас ќе владеат оние што ве мразат, и ќе бегате дури и кога никој не ве гони“ (3. Мојсеева 26,4-17).

Мнозина со силна одушевеност истакнуваат дека во овие земни благослови сите луѓе би требало да имаат еднакво учество, но тоа не е цел на Творецот. Различноста на надворешните животни услови е едно од средствата со кои Бог го проверува и го развива карактерот. Покрај тоа, негова намера е оние што имаат земно богатство да се чувствуваат само како повереници на неговите добра што им се доверени за да ги употребат на благослов на оние што страдаат и што немаат.

Христос рекол дека сиромаси имаме секогаш со себе, и Тој своите интереси ги соединува со интересите на својот народ кој страда. Срцето на нашиот Спасител сочувствува со најсиромашните и најскромните меѓу неговите земни деца. Тој ни кажува дека тие се негови претставници на земјата. Сочувството и добрачинството што им се укажани ним, Христос ги прима како да му се наменети лично нему. Секоја свирепост или безобѕирност покажана кон нив, Тој ја прима како да му е сторена нему.

Колку поинаку би изгледала состојбата на светот не само во морален и духовен, туку и во материјален поглед, кога секогаш би биле почитувани законите што ги дал Бог за добро на сиромасите! Себичноста и саможивоста не би се покажувале како денеска, туку секој најпретпазливо би се трудел да придонесе за среќата и *536*
благосостојбата на другите и не би имало толку распространета беда и немаштија што денеска се сретнуваат во многу земји.

Начелата што ги пропишал Бог би ги спречиле пороите на ужасните зла што настанувале во сите векови од угнетувањето на сиромасите од страна на богатите и од омразата на сиромасите кон богатите. Од една страна тоа би го спречувало напластувањето на огромни богатства и оддавањето на безграничен раскош, од друга страна истото би го оневозможило токму тоа условено незнаење и пониженост на безброј илјадници такви кои, како слуги за бедна плата, им пластат на други огромни богатства. Тие начела би донеле миролубиви решенија за проблемите кои во денешно време се закануваат да го исполнат светот со анархија и крвопролевање.

# 52

# ГОДИШНИ ПРАЗНИЦИ

*Оваа глава е заснована на 3. Мојсеева 23 глава*

Три пати годишно се собирал сиот израелски народ во Светилиштето на богослужение (3. Мојсеева 23,14-16). Едно време тие состаноци се одржувале во Силом. Подоцна Ерусалим станал центар на националното богослужение и тука се собирале сите племиња на годишните празници.

Народот бил опкружен со припадници на диви воинствени племиња кои одвај чекале да се доберат до нивната земја; а сепак било наредено сите за војна способни луѓе и сиот народ што можел да патува, три пати годишно да го напуштат своето родно место и да се упатат на местото одредено за собор што се наоѓало близу до центарот на целата земја. Што можело да ги спречи нивните непријатели да ги нападнат нивните незаштитени домови и да ги опустошат со оган и меч? Што можело да ја сочува земјата од упад на некои непријатели кои Израелците би можеле да ги сторат робови? Бог ветил дека Тој ќе биде заштитник на својот народ. „Ангелот Господов се улогорува околу оние кои него го почитуваат и ги закрилува“ (Псалм 34,7). Додека Израелците биле на богослужение, Божјата сила ги зауздувала нивните непријатели. Бог дал ветување: „Ќе ги протерам народите пред тебе и ќе ги проширам твоите меѓи, и никој нема да копнее за твојата земја кога три пати годишно ќе доаѓаш да се покажеш пред твојот Господ Бог“ (2. Мојсеева 34,24).

Првиот од тие празници, Пасха, или празник на пресни лебови, бил во авив, прв месец на еврејската година што се совпаѓа со крајот на март и почетокот на април. Зимата во тоа време веќе поминала а и силните дождови престанале, па сета природа се радувала во свежината и убавината на пролетта. По падинките се зеленеела трева и насекаде ливадите и полињата ги красело полско цвеќе. Месечината, која во тоа време била речиси полна, со својата светлина ноќите ги правела волшебни и вечерните часови вистинско

уживање. Тоа толку прекрасно годишно време светиот поет го опишал на следниот начин: 538

*„Еве, зимата веќе мина,*
*Дождот го снема, престанаа веќе.*
*Цвеќиња се појавија по земјата;*
*Настана време за кроење лози,*
*И гласот на грлица се слуша во нашата земја.*
*Смоквите ги отворија своите пупки*
*И расцутените лози пријатно мирисаат.“*

Песна над песните 2,11-13

По сета земја, патувајќи во Ерусалим, се слевале групи поклоници. Пастирите од своите стада, сточарите од планините, рибарите од Галилејското Езеро, земјоделците од своите полиња и пророчките синови од своите свети школи - сите се упатувале кон местото каде што Бог го откривал своето присуство. Растојанијата што ги поминувале дневно биле куси, зашто мнозина оделе пеш. Кон карваните постојано се слевале нови групи, па пред влезот во светиот град тие често станувале мошне големи.

Веселоста на природата будела радост во срцата на Израелците и ги упатувала на благодарност кон Дародавецот на сите добра. Тогаш се пееле големите еврејски псалми во кои се извишуваат славата и величеството на Јехова. На знак на определена труба и во придружба на музички инструменти, од стотици грла почнувала да се ори песна на благодарност:

*„Се израдував кога ми рекоа:*
*Ајде да појдеме во домот на Господа!*
*Ете, нашите нозе веќе стојат пред твоите порти,*
*Ерусалиме... Овде доаѓаат племињата, племињата Господови...*
*Да му оддадат слава на името Господово...*
*Молете се за мир во Ерусалим!*
*Благословени да се тие кои те сакаат...“*

Псалм 122,1-6

Забележувајќи ги околу себе ритчињата („височините“) на кои незнабошците имале обичај да потпалуваат оган на своите олтари, синовите Израелови запеале:

*„Очите свои кон горите ги подигам:*
*Од каде помош јас ќе добијам?*
*Мојата помош доаѓа од Господа,*
*Кој ги создаде небото и земјата.“*

Псалм 121.1.2

*„Тој што верува во Господа е како Сионската гора:*
*Цврст и непоколеблив довека.*
*Како планините што го опкружуваат Ерусалим,*
*Така Господ го опкружува својот народ*
*И сега и довека.“*

Псалм 125,1.2

539

Кога се искачиле на височинките од кои се гледал светиот град, со света страхопочит го гледале мноштвото што одело на богослужение како се приближува кон храмот.

Го забележувале и димот од темјанот како се издигнувал од Светилиштето, а кога ќе ги слушнеле трубите со кои Левитите ја најавувале светата служба, би ги обзело одушевувањето на тој свечен миг па би запеале:

*„Велик е Господ, најдостоен за слава,*
*Во градот на нашиот Бог - неговата света гора.*
*Убава е во својата височина, радост е за сета земја!*
*Како височините на Зафон е гората Сион -*
*Градот на великот Цар.“*

Псалм 48,1.2

*„Мир да има меѓу твоите ѕидини,*
*И спокојство во твоите дворови.“*
*„Отворете ги за мене портите на правдата,*
*Да влезам и на Господа да му заблагодарам.“*
*„Тоа што му го ветив на Господа,*
*Пред сиот негов народ ќе го исполнам,*
*Во дворот на домот Господов,*
*Среде тебе Ерусалиме, слава на Господа.“*

Псалм 122,7;118,19; 116,18.19.

На поклониците во Ерусалим им биле отворени сите куќи и на сите бесплатно им се давани преноќишта. Но сепак, тоа не било

доволно за толку големиот собир, па биле подигани шатори секаде каде што било можно во градот, па дури и по околните ритчиња.

Четиринаесеттиот ден тој месец навечер празнувана е Пасха, чијашто свечена и убедлива церемонија го овековечила споменот на ослободувањето од ропство во Египет и однапред укажувала на жртвата што требало да ги ослободи од робувањето на гревот. Кога Спасителот го жртвувал својот живот на Голгота, значењето на Пасха се загубило, а воведен е обредот Вечера Господова како спомен на истиот оној настан на кој симболично укажувала Пасха.

По празникот Пасха следел седумдневен празник на пресни лебови. Првиот и седмиот ден се одржувани свети собори и тогаш не смеело да се работи никаква тешка физичка работа. Вториот ден на празникот пред Господа се донесувани првите плодови на жетвата. Во Палестина прво жито бил јачменот кој дозревал токму во првите денови на празникот. Свештениците пред Божјиот олтар би го обрнувале првиот сноп на житото за да се покаже дека сѐ му припаѓа на Бога. Дури кога била завршена таа церемонија, можела да почне жетвата.

Педесет дена по принесувањето на првите плодови настапувал 540
празникот Педесетница, кој уште се викал и празник на жетвата или празник на седмиците. Во знак на благодарност за храната што се добива од житото, на Господа му се принесувани два леба испечени од тесто приготвено со квасец. Празникот Педесетница траел само еден ден и бил посветен на богослужение.

Седмиот месец бил празникот Сеници кој се викал празник на бербата. Со овој празник на Бога му се оддавала благодарност и признание за обилниот род на овошките, лозјата и маслинките. Тогаш бил и најголемиот годишен народен собор. Земјата го давала своето изобилство. Жетвата била собрана во амбарите; овошјето, виното и маслото биле сместени на своето место. Првите плодови биле принесени и сега бил ред народот со своите дарови да ја изрази и да ја посведочи својата благодарност кон Бога што толку обилно ги благословил.

Овој празник, пред сѐ, требало да претставува повод за голема радост. Настапувал токму по големиот Ден на помирување, кога им е дадено сигурно ветување дека нивните гревови нема веќе ниту да се споменуваат. Измирени со Бога, сега излегувале пред него за да го изразат своето признание за неговата добрина и да го слават за неговата милост. Бидејќи работите околу жетвата биле завршени, а тешкотиите на новата година уште не почнале, народот бил слободен од грижите и можел да ужива во свеченото и освежувачко влијание на мигот. Иако само на татковците и синовите им било наредено да се појават на свеченоста, сепак -

доколку било можно - ним им се придружувале и сите членови на семејството, а од гостољубие биле повикувани дури и слугите, Левитите, странците и сиромасите.

И Пасха и Сеници биле спомен празници или сеќавање на одделни настани од минатото. За да се потсети на патничкиот живот на своите предци во пустината, тогаш народот ги напуштал своите домови и живеел под шатори или сеници направени од зелени „палмови гранки, гранки од густи дрвја и поточни врби" (3. Мојсеева 23,42.43).

Првиот ден од празникот бил свет собор, а потоа кон седумдневното славје е додаден и осмиот ден кој е празнуван на ист начин како и првиот со одржување на свет собор.

На тие годишни собири и младите и старите биле повикувани да му служат на Бога, додека дружењето на луѓето од различни краишта на земјата ги засилувало врските што ги поврзувале меѓусебно и со Бога. Добро би било и Божјиот народ денеска да го одржува празникот Сеници - радосен спомен на Божјите благослови. Слично на синовите Израелови што си спомнувале како Бог ги ослободил нивните татковци и како чудесно ги чувал за време
541 на патувањето од Египет, така и ние со благодарност треба да си споменуваме за различните патишта по кои Тој во своето провидение нè извел од темнината на заблудите и нè довел во прекрасната светлина на својата милост и вистина.

Оние што живееле далеку од Светилиштето, секоја година морале да поминат повеќе од еден месец на годишните празнични свечености. Тој пример на преданост кон Бога треба и кај нас да ја засили свеста за важноста на богослужението и потребата нашите земни и себични интереси и желби да ги ставиме зад духовните и вечни интереси. Ние многу губиме кога ја занемаруваме предноста меѓусебно да се дружиме, да се храбриме и засилуваме во службата на Бога. Во тој случај нашата свест ја губи способноста вистините на неговата Реч да ги согледа јасно и потполно да го сфати нивното вистинско значење. Го нема веќе светото влијание кое го просветлува и го оживува нашето срце, и затоа духовно сме слаби. Многу губиме кога во нашите христијански односи не покажуваме доволно сочувство и љубов. Оној што се повлекува во себе не ја исполнува должноста што му ја доделил Бог. Сите ние сме деца на ист небесен Татко и, што се однесува до нашата среќа, ние зависиме еден од друг. Врз нас полагаат право и Бог и луѓето. Само ако правилно ги негуваме факторите што ги регулираат општествените односи, ќе бидеме на благослов и себеси и на другите.

Празникот Сеници не бил само спомен, туку имал и симболично значење. Тој не само што потсетувал на престојувањето во пус-

тината, туку како празник на жетвата, бидејќи со него се прославувало собирањето на земните плодови, укажувал на последниот ден на конечната жетва, кога Господарот од жетвата ќе ги прати своите жетвари каколот да го врзат во снопови и да го спалат, а пченицата да ја сместат во неговите амбари. Во тоа време сите безбожници ќе бидат уништени „и ќе биде како никогаш да ги немало“ (Авдија 16). А сите гласови во целата вселена ќе се соединат радосно да го слават Бога. Писателот на Откровението кажува: „И секое создание на небото и на земјата, под земјата и во морето, и сѐ што е во нив, чув да зборува: ’На Оној што седи на престолот, и на Јагнето - благослов и чест, слава и владеење во сите векови!’“ (Откровение 5,13).

На празникот Сеници Израелците го славеле Бога спомнувајќи 542
си за неговата милост за време на нивното ослободување од Египет и за неговата нежна грижа за нив во текот на нивното талкање низ пустината. Се радувале и затоа што знаеле дека гревовите им се простени бидејќи токму тие денови ја завршиле службата на помирување. Меѓутоа, кога откупените ќе се соберат во небесниот Ханан, ќе се радуваат со неискажлива радост и слава што засекогаш се ослободиле од ропството на гревот под кое „сите созданија воздивнуваат и тажат со нас до сега“ (Римјаните 8,22). Тогаш големото Христово дело на помирување за луѓето ќе биде завршено, а нивните гревови засекогаш уништени.

„Ќе се развесели пустината и сувата земја, и ненаселената земја ќе се зарадува и ќе расцути како крин; прекрасно ќе цути и ќе се радува, ќе ликува и ќе се весели; славата на Ливан ќе му се даде, великолепието на Кармил и Сарон; тие ќе ја видат славата на Господа, величината на нашиот Бог.“

„Тогаш ќе им се отворат очите на слепите, ушите на глувите ќе се отнат; тогаш куциот ќе скока како елен и јазикот на немиот ќе пее; зашто води ќе бликнат во пустината и потоци во степите. И водниот привид ќе се претвори во езеро, а жедната земја - во водни извори; живеалиштето на шакалите, каде што тие се одмораат - ќе стане место за трска и рогозина. И таму ќе има друм, и патот по него ќе се нарече свет пат; нечист нема да оди по него; тој ќе биде само за нив; оние што одат по тој пат, дури и неискусните нема да се загубат. Лав нема да има таму, и лута ѕверка нема да се качува по него; тој нема да се најде таму, а ќе одат само откупените.

Ќе се вратат избавените од Господа, ќе дојдат на Сион со радосни извици; и вечна радост ќе биде над нивната глава; тие ќе најдат радост и веселба, а жалоста и воздишките ќе се оддалечат“ (Исаија 35,1.2.5-10).

53

# ПРВИТЕ СУДИИ

*Оваа глава е заснована на Книгата за судиите 6 - 8 и 10 глава*

Сместувајќи се во Ханан, племињата не вложиле енергични напори целосно да ја освојат земјата. Тие бргу се задоволиле со задобиените области, попуштиле во својата ревност и престанале да војуваат. „Кога Израел се засили, ги направи Хананците свои поданици, но не ги истера“ (Судии 1,28).

Господ од своја страна верно ги исполнил ветувањата дадени на Израел; Исус Навин ја совладал моќта на Хананците и ветената земја им ја поделил на израелските племиња. Потпирајќи се врз сигурната Божја поддршка, тие требало само да го надополнат делото, преостанатите староседелци да ги истераат од земјата. Но пропуштиле да го сторат тоа. Впуштајќи се во сојуз со Хананците, тие ја прекршиле изричната Божја заповед и така не го исполниле основниот услов под кој хананската земја им била ветена.

Уште во првите соопштенија што им ги дал Бог на Синај, биле предупредени да се пазат од идолопоклонството. Непосредно по објавувањето на законот, преку Мојсеја им била упатена порака во врска со народите во Ханан: „Немој да им се клањаш на нивните богови, ни да им служиш, ниту да правиш што тие прават, туку урни ги и нините ликови и уништи ги. Служи му на твојот Господ Бог, па Тој ќе го благослови твојот леб, твоето вино и твојата вода; и ќе отстрани од вас секакви болести“ (2. Мојсеева 23,24.25). Им било дадено сигурно ветување дека сам Бог, сè додека тие ќе му бидат послушни нему, ќе ги покорува нивните непријатели. „Ќе го пуштам мојот страв пред тебе и ќе го уплашам секој народ на кој ќе наидеш, и ќе ги свртам кон тебе грбовите на сите твои непријатели. Ќе пратам пред тебе стршлени и ќе ги изгонам Аморејците, Евејците, Хананците, Евусејците и Хетејците. Нема да ги истерам пред тебе за една година за да не се запусти земјата и ѕверовите полски да не се размножат против тебе. Малку по малку ќе ги изгонувам
544 пред тебе, додека не се намножиш и не завладееш со земјата ... и

ќе ви ги предадам во раце оние што живеат во таа земја за да ги истераш пред тебе. Не мешај се со нив, и со нивните богови да не правиш завет. Да не останат во твојата земја за да не те наведат на грев против мене; зашто, ако им служиш на нивните богови, тоа ќе ти биде стапица“ (2. Мојсеева 23,27-33). Овие упатства Мојсеј свечено ги повторил пред својата смрт, а истото го сторил и Исус Навин.

Бог го поставил својот народ во Ханан како еден силен бедем да го задржува поројот на моралните зла да не го преплават светот. Кога Израелците би му останале верни на Бога, според Божјата намера тие би напредувале од победа во победа. Тој би им ги предал во раце народите поголеми и посилни отколку што биле Хананците. Ветувањето гласело: „Ако ги запазите сите тие заповеди што ви ги кажувам и ги исполнувате, ако го сакате вашиот Господ Бог, ако ги следите сите негови патишта и се приврзете кон него, тогаш Господ ќе ги изгони сите тие народи од пред вас, и вие ќе владеете со народи што се поголеми и посилни од вас. Секое место на кое ќе стапи вашата нога ќе биде ваше; вашите предели ќе бидат од пустината - до Ливан, и од големата река Еуфрат - дури до Западното Море. Никој нема да ви се противстави вам; вашиот Господ Бог ќе прати страв и трепет пред вас врз секоја земја на која ќе стапнете, како што ви кажа“ (5. Мојсеева 11,22-25).

Но, занемарувајќи ја високата цел што им била наменета, тие удобно се сместиле и потонале во уживања. Ја пропуштиле приликата да го надополнат освојувањето на земјата и затоа во текот на многу поколенија биле притиснувани и угнетувани од остатокот на овие идолопоклонички народи кои, како што кажал пророкот однапред, им биле „трње во очите и остени во вашите бокови...“ (4. Мојсеева 33,55.).

Израелците се „помешаа со незнабошците и ги научија нивните дела“ (Псалм 106,35). Склучувале брачни врски со Хананците и се измешале со нив, па идолопоклонството се раширило низ земјата како некаква чума. „На нивните идоли им се клањаа, а тие во стапица им се претворија. Своите синови и ќерки на демони им ги жртвуваа... земјата со крв ја оскверниja... Затоа пламна јароста Господова против неговиот народ; му одмиле родот што му припаѓа“ (Псалм 106,36-40).

Додека уште било живо поколението што го упатувал Исус Навин, идолопоклонството не земало толкав замав, но родителите
го приготвиле патот за отпад на своите деца. Со непочитување на 545
Божјите ограничувања од страна на оние што влегле во хананската земја, посеано е семе на зло што продолжило да им носи горчливи плодови на многу поколенија. На Евреите нивните едноставни

животни навики им осигурувале благодат на телесно здравје; но, дружејќи се со незнабошците, биле наведени да му попуштаат на апетитот и страстите, што постепено ја намалувало нивната телесна сила и им ги слабеело духовните и моралните сили. Израелците поради своите гревови биле одвоени од Бога. Биле лишени од неговата сила и не биле веќе надмоќни над своите непријатели. Така најпосле биле покорени токму од оние народи што тие со Божја помош можеле да ги покорат.

„Го оставија Господа Бога на нивните татковци кој ги беше извел од египетската земја.“ „Својот народ како стадо го изведе, како овци низ пустината ги поведе“. „Тие го гневеа со идолски жртвеници, го правеа љубоморен служејќи им на идоли. Затоа Господ „го напушти своето жилиште во Силом, својот шатор што беше сместен меѓу луѓето. Својот ковчег во ропство го предаде, својата гордост, во рацете на душманите“ (Судии 2,12; Псалм 78,52.58.60.61). Сепак, Тој никогаш не се откажал наполно од својот народ. Секогаш постоел еден мал остаток - оние што му останале верни на Бога; и Господ од време на време подигал верни и храбри луѓе да го уриваат идолопоклонството и да го ослободуваат Израел од неговите непријатели. Но, кога ослободителот би умрел и кога народот би се ослободил од неговиот авторитет, тој постепено пак се враќал во идолопоклонство. И така постојано се повторувала историјата на застранување и казнување, а потоа каење и ослободување.

Месопотамискиот и моавскиот цар, а потоа Филистејците и Хананците од Асор, под водство на Сисара, едноподруго го угнетувале израелскиот народ. Господ ги подигнал Готонила, Аода, Самегара, Девора и Варака да го ослободат својот народ. Но пак „синовите Израелови грешеа пред Господа, па ги даде во рацете на Мадијанците“. И до тогаш раката на овој угнетувач не толку тешко ги притискала израелските племиња што живееле источно од Јордан. Но во неволјата што наишла сега, тие требало тешко да страдаат.

Амалиците сѐ уште се наоѓале во јужниот дел на Ханан, а Мадијанците на источната граница; и во пустината од другата страна
546 на источната граница сѐ уште биле непомирливите непријатели на Израел. Уште во времето кога Мојсеј бил жив, Израелците речиси наполно ги уништиле Мадијанците. Меѓутоа, од тогаш тие силно се намножиле и се засилиле. Копнееле за одмазда, па сега, кога Израелците ја загубиле Божјата заштита, им се дала можност да се одмаздат. Од нивните ограбувачки походи страдале не само племињата источно од Јордан, туку и сета земја. Дивите и груби пустински племиња „навлегуваа како скакулци“ во Израеловата земја заедно со своите стада крупен и ситен добиток (Судии 6,5).

Се ширеле од Јордан до филистејската долина како опасна чума. Наидувале штом жетвата почнувала да пристигнува и останувале додека не би биле собрани и последните земни плодови. Ги пустеле, ограбувале и малтретирале жителите, а потоа повторно се враќале во пустината. Поради тоа Израелците, кои живееле во внатрешноста на земјата, биле присилени да ги напуштаат своите домови и да бегаат во градовите што биле опашани со ѕидови, барајќи заштита во тврдините, па дури и во планинските пештери, скриени меѓу карпите. Тоа угнетување траело седум години, а кога луѓето во својата мака повторно си спомнале за Божјите опомени и ги признале своите гревови, Бог повторно им подигнал избавител.

Гедеон бил син на Јоаса од племето на Манасија. Дел од племето на кое му припаѓало ова семејство немало водечка улога. Меѓутоа, семејството на Јоаса се одликувало со храброст и чесност. За неговите храбри синови било кажано: „Секој изгледаше како царски син“ (Судии 8,18). Сите до еден загинале во борбата против Мадијанците, а неговото име им влевало страв на завојувачите. На Гедеона му бил упатен Божји повик да го ослободи својот народ. Во тој миг бил зафатен со вршење на својата пченица. Било скриено малку жито, и бидејќи не се осмелувал таа работа да ја врши на обично гумно, се повлекол на едно место близу до гмечалото за гмечење грозје; бидејќи гроздоберот бил уште доста далеку, лозјата не привлекувале ничие внимание. Работејќи така во тајност и мир, Гедеон бил жалосен поради постоечката состојба и размислувал како би можел да се скрши јаремот на угнетувачот на неговиот народ.

Наеднаш „му се јави Господен ангел“ и гоословил со зборовите: „Господ е со тебе, храбар јунаку!“

„О мој господаре!“, бил неговиот одговор, „ако е Господ со нас, зошто нѐ снајде сета оваа мака? И каде се сите негови чудеса за кои ни раскажуваа нашите татковци, велејќи: ’Господ нѐ изведе 547
од Египет?’ Сега Господ нѐ остави и нѐ предаде во рацете на Мадијанците.“

Небесниот весник продолжил: „Оди со таа своја сила и спаси го Израел од рацете на Мадијанците. Јас те праќам.“

Гедеон барал некаков знак дека весникот што му се обраќа бил заветниот Ангел кој во минатите времиња се залагал за Израелците. Божјите ангели, кои некогаш разговарале со Аврама, еднаш го прифатиле неговото гостопримство; и Гедеон сега сесрдно барал небесниот весник да остане кај него како негов гостин. Брзајќи во својот шатор, приготвил од своите сиромашни резерви едно јаре и пресни лебови па сето тоа го изнел и го поставил пред него. Но ангелот му наредил: „Земи го месото и погачата и стави ги на оној

камен, а чорбата истури ја.“ Гедеон постапил така и тогаш му бил даден бараниот знак: Ангелот со својот стап го допрел месото и пресните лебови и од карпата пламнал оган спалувајќи ја жртвата. Потоа ангелот исчезнал од пред неговите очи.

Гедеоновиот татко, Јоас, кој учествувал во отпадот на своите сонародници, живеел во Офра и тука му подигнал голем олтар на Вал, пред кој мештаните се клањале. На Гедеона му било наредено тој олтар да го урне, а на карпата каде што му била запалена жртвата да му подигне олтар на Јехова и таму да принесе жртва. Принесувањето жртви на Господа им било доверено на свештениците и тоа само на олтарот подигнат во Силом. Но Оној, кој ја воспоставил обредната служба и на кого укажувале сите тие жртви, имал власт да ги менува своите барања. На ослободувањето на Израел морало да му претходи свечен протест против служењето и клањањето пред Вал. Гедеон морал да му објави војна на идолопоклонството пред да може да тргне во борба против непријателите на својот народ.

Божјиот налог бил верно извршен. Знаејќи дека ќе наиде на отпор ако се обиде тоа да го стори јавно, Гедеон својата задача ја извршил тајно. Со помош на своите слуги завршил сè за една ноќ. Страшна била јароста на жителите на Офра кога следното утро дошле да се поклонат пред Вал. Тие Гедеона и би го убиле кога Јоас - кој бил известен за посетата на ангелот - не би станал во одбрана на својот син. „Вие ли ќе го браните Вал?“, рекол Јоас,
548 „вие ли сакате да го избавите? Оној што го брани ќе загине утрово. Ако е бог, сам нека расправи со него што му го урнал олтарот.“ А ако Вал не можел да го одбрани ниту својот олтар, тогаш како можела да му се довери заштита над неговите поклоници?

Така се стивнати лошите мисли против Гедеона, а кога тој затрубил во воена труба, борците од Офра биле први што се собрале под негово знаме. Веднаш се пратени гласници кај припадниците на племињата на Манасија и Асир, Завулон и Нефталим; и сите го прифатиле повикот.

Гедеон не се осмелувал да ја поведе оваа војска додека не добие уште еден доказ дека Бог му ја доверил таа задача и дека Тој ќе биде со него. Потоа се молел: „Ако го спасиш Израел ти преку мојата рака, како што говореше, тогаш еве, ќе положам овде на гумново руно, па - ако има роса само на руното, а по целата земја биде суво, ќе знам дека ти преку мојата рака ќе го спасиш Израел, како што ми рече.“ Изутрината руното било водено, додека земјата била потполно сува. Но тој сепак се посомневал, зашто крзното само по себе привлекува влага ако е воздухот влажен, па затоа таа појава не можела да биде решавачка. Поради тоа се молел знакот

да биде обратен и преколнувал неговата претерана претпазливост да не го навреди Господа. Молбата му била услишена.

Охрабрен на тој начин, Гедеон ги повел своите сили против завојувачите. „И сите Мадијанци и Амалици, и жителите од исток, се собраа заедно, ја преминаа реката и се сместија во долината Езраел.“ Сета Гедеонова војска не била поголема од триесет и две илјади луѓе; па сепак, кога пред него се укажала огромната маса луѓе - нивниот непријател - добил вест од Господа: „Со тебе има многу народ, не можам да ги предадам Мадијанците во негови раце, за да не се возгордее Израел пред мене и да каже: ’Мојата рака ме спаси.’ Затоа разгласи да чуе народот, и кажи: ’Кој се бои и е плашлив, нека се врати и веднаш нека оди на горката Галад.’“ Сите што не биле подготвени да се изложат на опасности и тешкотии, или земните интереси им го одделиле срцето од Божјето дело, не можеле да придонесат за силата на израелската војска. Нивното присуство можело само да биде извор на слабости.

Во Израел бил закон секојпат пред поаѓање во битка да се објави пред целата војска: „Кој изградил нова куќа и не се вселил во неа, нека се врати дома, за да не загине во бојот, а друг да се настани
во неа; и кој насадил лозје и не го обрал, нека си оди, нека се врати 549
дома, за да не загине во бојот, а друг да собере сè; и кој се свршил и не се оженил, нека си оди, нека се врати дома, за да не загине во бојот, а друг да ја земе неговата свршеница.“ А војводите морале да го нагласат и ова: „Кој е плашлив и малодушен, нека си оди и нека се врати дома, за да не ги направи плашливи срцата на своите браќа, како неговото срце“ (5. Мојсеева 20,5-8).

Затоа што во споредба со бројните непријатели имал толку малку луѓе, Гедеон пропуштил да ја објави оваа вообичаена порака. Тој се вчудовидел кога Господ му рекол оти неговата војска е премногу голема. Но Господ ја видел гордоста и неверноста во срцата на присутните. Загреани со возбудливиот повик на Гедеона, тие биле готови да се ѕвијат, но кога ги виделе огромните маси Мадијанци, мнозина се уплашиле. Сепак, во случај Израелците да победат, истите тие, наместо победата да му ја припишат на Бога, сета слава би ја присвоиле за себе.

Гедеон ја послушал Божјата заповед, но со тешко срце гледал како дваесет и две илјади луѓе, или повеќе од две третини на целокупната војска, се подигаат и се враќаат дома. А тогаш повторно му дошла реч од Господа: „Народ сè уште има многу; одведи ги кај водата, таму ќе ти ги одберам; за кого ќе речам да оди со тебе, нека оди со тебе.“ Очекувајќи да излезе директно пред непријателот, народот слегол до водата. Само неколкумина од нив набрзина зеле малку вода со рака, испиле и тргнале понатаму, а повеќето се

спуштиле на колена и удобно пиеле прекумера од водата. Од десет илјади луѓе само триста биле кои водата ја принеле кон устата со рака; но само тие биле одбрани. Сите други добиле дозвола да се вратат дома.

Карактерот често се става на проверка со наједноставни средства. Оние кои во мигот на опасноста мислеле само на тоа да ги задоволат своите потреби, не биле луѓе во кои можело да се има доверба во тешките часови. За немарните и за оние што гледаат само да си угодат себеси нема место во Божјето дело. Неговиот избор паднал врз оние малубројни кои не сакале поради задоволу-
550 вање на личните потреби да се задржуваат при извршувањето на своите должности. Овие триста избраници, покрај тоа што биле храбри и подготвени за самосовладување, биле и луѓе од вера. Тие не биле извалкани со идолопоклонство. Нив Бог можел да ги поведе и преку нив можел да го ослободи Израел. Успехот не зависел од бројот. Ослободувањето Бог може да го изврши со мал број исто како и со голем. Тој не се прославува толку со голем број, колку со карактерот на оние што му служат.

Израелците биле на падинка на една гора од која можела да се види долината во која биле улогорени четите на непријателите. „А Мадијанците и Амалиците, и сите жители од исток се беа сместиле по долината во големо мноштво, како скакулци; нивните камили беа безброј, беа многу - како песокот на морскиот брег“ (Судии 7,12). Гедеон се стресол при помислата на битката што му претстоела. Но Господ му се јавил таа ноќ и му наредил да слезе до мадијанскиот логор „со својот момок Фур“, навестувајќи му дека таму ќе чуе нешто што ќе го охрабри. Тој се спуштил токму до мадијанскиот логор, и додека таму во тишина посматрал, слушнал како еден од непријателските војници му го раскажува на друг војник својот сон: „Сонив тркалезна јачменова погача како се тркала по мадијанскиот логор и, откако се дотркала до еден шатор, удри во него и тој падна, го собори, и шаторот се растури“. Другиот му одговорил со зборови што го возбудиле срцето на скриениот извидник: „Тоа не е ништо друго туку мечот на Јоасовиот син, Израелецот Гедеон; Бог ги предал во негови раце Мадијанците и целиот логор.“ Гедеон сфатил дека преку тие непознати мадијански војници му зборува Божјиот глас. Се вратил кај своите малубројни луѓе и им рекол: „На нозе, зашто Господ ви го даде во раце мадијанскиот логор!“

Со Божје упатство му е даден план за напад и тој веднаш тргнал да го изврши. Тие триста луѓе требало да ги подели во три чети. Секој човек добил по една труба и факел, привремено скриен во земјено грне. Потоа биле распоредени така за да му се приближат на мадијанскиот логор од сите страни. На полноќ, кога екнал бор-

бениот рог на Гедеона, затрубиле триста труби; потоа од скршените грниња наеднаш пламнале стотина запалени факли и сите триста Гедеонови војници се устремиле кон непријателите со стравотен воен вик: „Меч Господов и Гедеонов.“

Војската била изненадена на спиење. На сите страни се видела светлина на запалени факли и отсекаде допирал одглас од труби и воен вик на напаѓачите. Мадијанците мислеле дека се предадени
на милост и немилост на некаква натприродна сила, па целосно 553
ги опфатил паничен страв. Со диви крикови на тревога и страв бегале на сите страни да го спасат животот, и во забуната, мислејќи дека го убиваат непријателот, се убивале еден со друг. Кога се пронела вест за победа, дошле уште илјадници Израелци, кои биле отпуштени дома, и помогнале при гонењето на непријателот кој бегал. Мадијанците бегале кон Јордан, надевајќи се дека ќе се доберат до својата земја од другата страна на реката. Затоа Гедеон пратил гласници во племето на Ефрема со порака да го задржат непријателот на јужните делови на реката. Во меѓувреме Гедеон со своите триста луѓе, „кои беа уморни од гонењето“, ја преминал реката во потера по оние што успеале да се доберат до другиот брег. Обата мадијански цара, Зевеј и Салман, кои ја предводеле целата таа армада и кои со петнаесет илјади војници успеале да побегнат, Гедеон ги совладал, потполно ги поразил нивните сили, а водачите ги фатил и ги погубил.

Во тој целосен пораз уништил над сто и дваесет илјади завојувачи. Моќта на Мадијанците била така скршена, што никогаш веќе не биле во состојба да поведат војна против Израел. Набргу на сите страни се прочуло дека Израеловиот Бог уште еднаш војувал за својот народ. Стравот што ги обзел околните народи кога дознале со какви едноставни средства е победен овој самоуверен и воинствен народ, не е можно да се опише со зборови.

Водачот што го избрал Бог да ги совлада Мадијанците, меѓу Израелците не заземал некоја истакната положба. Тој не бил ниту свештеник, ниту владетел, ниту Левит. Тој сам себеси се сметал за најмалечок во домот на својот татко. Но Бог во него видел храбар и чесен човек. Тој не се надевал во себе, туку доброволно дозволил Бог да го води. Бог за своето дело не бира секогаш луѓе со најголеми таленти, туку оние со кои може најдобро да се послужи. „Пред славата настапува понизност“ (Мудри изреки 15,33). Господ најуспешно може да работи преку оние кои се најсвесни за својата неспособност и кои потполно се потпираат врз него, гледајќи во него свој водач и извор на својата сила. Тој ќе ги направи силни и мудри, поврзувајќи ја својата сила со нивната слабост и својата мудрост со нивното незнаење.

Господ за својот народ би можел да стори многу повеќе кога би се негувала вистинска скромност. Но малку има такви на кои Тој би можел да им довери голема одговорност или голем успех, а да не станат самоуверени и да не заборават во колкава мера зависат
554 од него. Тоа е причината што Бог при изборот на орудијата за своето дело ги заобиколува оние што светот ги смета за големи, талентирани и достојни за почит. Таквите луѓе многу често се премногу горди и самољубиви. Тие сметаат дека можат да работат без да го прашаат Бога за совет.

Едноставното трубење на израелската војска околу Ерихон и на Гедеоновите малубројни чети околу мадијанскиот логор, со Божја сила било претворено во силно орудие со кое е урната моќта на непријателот. Најсовршениот систем што луѓето кога било можеле да го измислат, ако е лишен од Божјата сила и мудрост, ќе се покаже како погрешен. Од друга страна, методите што најмалку ветуваат, ќе донесат најмногу успех ако се одредени од Бога и применети со понизност и вера. Верата во Бога и прифаќањето на неговата волја се суштествени денеска за христијаните во духовната борба исто толку како што биле во тоа време за Гедеона и за Исуса Навина во нивните војни против Хананците. Повторувајќи ја манифестацијата на својата сила во полза на Израелците, Бог сакал да ги наведе да веруваат во него и со доверба да му се обраќаат за помош во секоја неволја. Тој и денеска е исто толку подготвен да ги помогне напорите на својот народ и да изврши големи дела преку слабите човечки орудија. Цело небо очекува ние да бараме Божја мудрост и сила. Бог е Тој „кој може да стори неограничено повеќе од она што можеме да молиме или мислиме“ (Ефесците 3,20).

Кога Гедеон се вратил од походот против народните непријатели, го прекорувале и го обвинувале неговите земјаци. Кога Израелците на негов повик се собрале против Мадијанците, племето на Ефрема изостанало. Тие сметале дека тој потфат е многу опасен, а бидејќи Гедеон не ги повикал на посебен начин, тоа го искористиле како оправдување да не ги следат своите браќа. Но кога допреле до нив новостите за триумфот на Израелците, синовите Ефремови биле љубоморни што не учествувале и тие во тоа. По поразот на Мадијанците, припадниците на Ефремовото племе, по Гедеонова наредба, ги запоседнале плитките делови на Јордан на кои Мадијанците би можеле да ја преминат реката и со тоа го оневозможиле повлекувањето на бегалците. Благодарение на тоа, уништен е голем број на непријателите и биле фатени двата мадијански кнеза, Орив и Зив. На тој начин Ефремовите луѓе ја искористиле победата и помогнале таа да биде целосна. Но сепак биле љубоморни и гневни на Гедеона како тој тоа да го сторил сам

по своја волја. Тие не виделе дека победата на Израелците всушност е Божје дело и не ја ценеле неговата моќ и неговата милост 555
покажана во нивното ослободување; и токму со тоа посведочиле дека не се достојни Бог да ги избере за свои посебни орудија.

Враќајќи се со победнички трофеи, тие на Гедеона налутено му префрлале: „Зошто не нè повика кога замина да војуваш против Мадијанците?“

„Па што сторив јас кога ќе се споредам со вас?“, ги смирувал Гедеон. „Нели пабирките на Ефрема се подобри од гроздоберот на Авиезера? Во ваши раце Бог ги предаде мадијанските кнезови Орив и Зив, и како можев јас да сторам такво нешто како вие?“

Духот на љубомора лесно можел да распали караници што би довеле до судир и крвопролевање, но одговорот на Гедеона, во кој се видела неговата понизност и чедност, ја ублажил јароста на Ефремовите луѓе, па во мир се вратиле кај своите стада. Гедеон бил цврст и непопустлив кога биле во прашање начелата - во војната мошне храбар, а сепак во однесувањето со луѓето ретко љубезен и учтив.

За да му ја изразат својата благодарност на Гедеона што ги ослободил од Мадијанците, Израелците му предложиле да го постават за цар, и тоа така престолот да се осигури и за неговото потомство. Тој предлог бил директен престап на начелата на теократијата. Бог бил цар над Израел и поставувањето на кој било човек на престолот значело отфрлање на Божјиот авторитет. Гедеон го сфатил тој факт. Од неговиот одговор се гледа колку неговите побуди биле благородни и вистинити. „Нема јас да ви бидам господар“, нагласил тој, „ниту мојот син ќе ви биде господар, туку Господ ќе ви биде господар.“

Но Гедеон паднал во друга заблуда која му донела несреќа не само на неговото семејство, туку и на цел Израел. Времето на безделничење и опуштање што обично настапува по големите напори, често е поврзано со поголеми опасности отколку времето на војна. Во таква опасност сега се наоѓал и Гедеон. Го обзел дух на некакво неспокојство и немир. До тогаш наоѓал задоволство во верното извршување на налозите добиени од Бога. А сега, наместо да почека Бог и понатаму да го води, почнал да крои сопствени планови. Кога Божјата војска ќе задобие некоја голема победа, сатаната двојно ги зголемува своите напори да го осуети Божјето дело. Така тој и на вознемирениот дух на Гедеона му дошепнувал мисли и планови со кои имал намера да го заведе израелскиот народ.

Затоа што му било наредено да принесе жртва на карпата на која му се јавил ангел, Гедеон мислел дека е повикан да биде 556
свештеник. Не чекајќи Божје посветување, почнал да бара погодно

место каде би завел систем на богослужение, слично на она што се вршело во шаторот за состанок. Бидејќи народот му бил мошне наклонет, без никакви тешкотии можел да го оствари својот план. На негово барање, сите му предале златни гривни што како воен плен ги зеле од Мадијанците. Освен тоа, народот собрал и многу други скапоцености заедно со богато украсените облеки на обајцата мадијански кнезови. Од тој материјал што го добил, Гедеон направил свечен плеќник и градник, имитирајќи ја облеката на првосвештеникот. Оваа негова постапка била стапица не само за него и за неговото семејство, туку и за целиот израелски народ. Неовластеното богослужение помогнало мнозина од народот најпосле да го напуштат Бога и да им служат на идолите. По смртта на Гедеона, голем дел од народот, заедно со неговото семејство, бил зафатен со нов отпад. Токму оној човек кој некогаш со уривањето на олтарот на Вал го уништувал идолопоклонството во Израел, сега го завел народот од Бога.

Многу малку се оние што сфаќаат колку далекусежни се нивните зборови и нивните постапки. Колку често заблудите на родителите имаат најпогубно дејство врз нивните синови и врз синовите на нивните синови далеку по нивната смрт. Секој има извесно влијание врз другите и е одговорен за последиците на тоа влијание. Зборовите и делата имаат убедлива моќ и резултатот на она што ние го правиме сега ќе се покаже дури подоцна. Влијанието што го вршат нашите зборови и дела ќе има сигурно свое повратно дејство врз самите нас во вид на благослови или проклетство. Таа помисла на животот му дава возвишена сериозност и треба нас да нè наведе на молитва пред Бога за Тој да нè води со својата мудрост.

И оние што се наоѓаат на највисока положба можат да водат во заблуда. И најмудрите се лажат, и најсилните можат да се сопнат и да потклекнат. Затоа е неопходно нашиот пат постојано да биде осветлен со светлина од горе. Ние сме единствено сигурни ако секогаш безусловно му се доверуваме на Оној кој кажал: „Ајде по мене!“

По смртта на Гедеона, „синовите Израелови не си спомнуваа за својот Господ Бог кој ги беше спасувал од рацете на сите околни непријатели, ниту кон домот на Јеровоала, односно на Гедеона и не покажаа благодарност за сите добрини што му ги направи тој на Израел.“ Заборавајќи го сè она со што Гедеон ги задолжил и како судија и како ослободител, Израелците за свој цар го одбрале неговиот вонбрачен син Авимелех, кој, за да ја зацврсти својата власт, ги погубил сите законити синови на Гедеона, освен еден. Кога
557 луѓето ќе го загубат Божјиот страв, тогаш набргу го губат и поимот за чест и праведност. Благодарното признавање на Божјата милост

ги наведува луѓето да им оддадат признание и на оние кои, слично на Гедеона, верно му послужиле на благослов на неговиот народ. Само од таков народ, кој постојано покажувал неблагодарност кон Бога, можело да се очекува такво свирепо однесување какво што покажале Израелците кон домот на Гедеона.

Под власт на богобојазливите судии што владееле по смртта на Авимелеха, идолопоклонството извесно време било зауздувано; но, по извесно време, измамениот народ повторно се вратил на обичаите на незнабожечките народи што живееле околу нив. Мнозина од северните племиња ги обожавале сириските и сидонските богови. На југозапад филистејските богови, а на исток моавските и амонските ги одвраќале срцата на Израелците од Бога на нивните татковци. Но, за отпадот набргу уследила казна. Амонците ги покориле источните племиња и, поминувајќи ја реката Јордан, навлегувале во областа на Јуда и Ефрем. Од запад доаѓале Филистејците од својата долина крај морето и ограбувале на сите страни. Се чинело дека Израел повторно е предаден во рацете на своите огорчени непријатели.

И овојпат Израелците побарале помош од Оној на кого толкупати му го свртиле грбот и го навредувале. „Згрешивме пред тебе, зашто го оставивме нашиот Бог и му служиме на Вал.“ Но страдањата не предизвикале вистинско каење. Тие се јадосувале поради страдањата што им ги донел гревот, а не затоа што го навредувале Бога со престапувањето на неговиот свет закон. Вистинското каење е нешто повеќе отколку само жалење поради сторениот грев. Тоа претставува решително враќање од грешниот пат.

Преку еден од своите пророци Господ им одговорил: „Не ве угнетуваа ли Египќаните и Аморејците, Амонците и Филистејците, Сидонците, Амалиците и Моавците, и кога повикавте кон мене, не ве спасив ли од нивните раце? А вие ме оставивте мене и почнавте да служите на други богови; затоа нема веќе да ве спасувам; одете и повикајте ги боговите што сте ги избрале, нека ве спасат тие во ова за вас тешко време.“

Овие свечени и страшни зборови мислите ги упатуваат на друга сцена - на големиот ден на последниот суд - кога сите што ја отфрлиле Божјата милост и ја презреле неговата добрина ќе бидат изведени 558
пред лицето на неговата правда. Пред тој суд ќе мора да дадат сметка сите кои своите од Бога дадени добродетели: времето, средствата или умните способности, ги употребиле во служба на боговите на овој свет. Тие се откажуваат од својот вистински Пријател кој ги сака за да тргнат по пат на удобност и земно уживање. Во некои мигови тие навистина посакуваат да се вратат кај Бога; но нивното внимание го обзеле светските лудости и заблуди. Лекомисленото оддавање

на уживања, горделивоста во облекувањето и задоволувањето на апетитот срцето толку го стврднуваат, а совеста ја прават толку нечувствителна, што гласот на вистината воопшто веќе и не се чуе. Должноста се занемарува. Сè што има непоминлива вредност се зема лекомислено, додека најпосле не се загуби секоја желба да се жртвува за Оној кој толку многу дал за луѓето. Но, кога ќе настапи жетвата, луѓето ќе го пожнеат она што го посеале.

Господ кажува: „Колку пати ве повикував, но вие ме отфрлавте, рака ви подавав, но вие ја одбивавте; моите совети ги отфрлавте, моите укори не ги примавте! Затоа, кога вие ќе страдате, јас ќе се смеам; кога ќе ве снајде несреќа, јас ќе ви се подбивам - кога несреќа како бура ќе ве потопи и пропаст како виор ќе ве зграби, кога тешка мака ќе ве уништи - тогаш, вие ќе викате, но јас нема да ви се ѕвивам, ќе ме барате, но нема да ме најдете, зашто мудроста ја мразевте, верата во Господа ја отфрливте, мојот совет не го послушавте, моите опомени ги презревте. Затоа ќе си ги берете плодовите на своите постапки, ќе се давите во своите совети.“ „А кој мене ме слуша, ќе живее под закрила, спокоен и без да се плаши од злото“ (Мудри изреки 1,24-31.33).

Тогаш Израелците се понизиле пред Бога. „И ги отфрлија од себе туѓите богови и почнаа да му служат само на Господа.“ Тоа го растажило милозливото и полно со љубов срце на Јехова - „и неговата душа не ги поднесе Израеловите страдања“. О колкаво трпение и милосрдност Божја! Секогаш кога Израелците како негов народ ги отфрлале гревовите што ги одделувале од него, Тој ги услишил нивните молитви и уште еднаш се зазел за нив.

Господ им подигнал ослободител во лицето на Ефтаја од Галад, кој ги побил Амоновите синови и успешно ја совладал нивната моќ. Тогаш Израелците осумнаесет години страдале под притисок на своите непријатели, а сепак повторно ја заборавиле поуката што им ја донеле тие страдања.

А кога Божјиот народ пак се вратил на своите лоши патишта, Господ повторно дозволил да ги подјармат и да ги угнетуваат нив-
559 ните моќни непријатели - Филистејците. Тој суров воинствен народ ги угнетувал многу години, а повремено потполно ги подјармувал. Тие се помешале со тие идолопоклоници на тој начин што земале учество во нивните уживања и богослуженија додека најпосле не се изедначиле со нив во духот и интересите. А тогаш тие божемни пријатели на Израелците им станале најогорчени непријатели, обидувајќи се на сите можни начини потполно да ги уништат.

Слично на старозаветниот Израел, и христијаните често попуштаат пред влијанието на светот и се прилагодуваат кон општо прифатените начела и обичаи за да стекнат пријателство со не-

верниците. Но на крај ќе се покаже дека тие привидни пријатели всушност се најопасни непријатели. Библијата јасно учи дека меѓу овој свет и Божјиот народ не може да има никакво единство. „Не чудете се, браќа мои, ако светот вас ве мрази“ (1. Јованово 3,13). А нашиот Спасител кажува: „Ако светот ве мрази, знајте дека мене светот уште пред вас ме замрази“ (Јован 15,18). Сатаната настојува преку безбожниците, под плаштот на желбата за пријателство, да ги наведе и припадниците на Божјиот народ на грев за да ги одвои од Бога. А кога еден ден на тој начин ќе ги лиши од нивната заштита, тогаш тој своите претставници ги наведува да се свртат против нив и со сите средства да настојуваат да ги уништат.

54

# САМСОН

*Оваа глава е заснована на Книгата за судиите 13 - 16 глава*

Среде широко распространетиот отпад, оние што му останале верни на Бога не престанувале нему да му упатуваат свои молитви за ослободување на Израел. Иако се чинело дека Бог не ги слуша нивните молитви, иако од година во година власта на нивните угнетувачи станувала сè потешка, Божјето провидение за нив сепак приготвувало помош. И токму во првите години од робувањето под Филистејците, се родило дете преку кое Бог имал намера да ја понизи силата на нивниот моќен непријател.

На границата на планинскиот предел што се издигнувал над филистејската рамнина се наоѓало малечкото место Сарај. Тука живеело семејството на Маное од племето на Дан, едно од малобројните кое среде општиот отпад му останало потполно предано на Јехова. На жената на Маное, која била неротка, „ѝ се јавил Господен ангел“ со порака дека ќе роди син преку кој Бог ќе почне да го ослободува Израел. Во врска со тоа, ангелот ѝ дал упатство како треба таа да живее и како да го одгледува детето. „Зато пази се, не пиј вино ни сикер и не јади ништо нечисто.“ Истата забрана важела и за детето уште од самиот почеток. Освен тоа, ѝ било кажано на детето никогаш да не му ја сече косата, зашто уште од раѓање требало да му биде посветено на Бога како назиреј.

Жената го побарала својот маж и, опишувајќи му ја појавата на ангелот, ја повторила пораката што ја примила. А тогаш, плашејќи се да не направат некаква грешка во тоа важно дело што им било доверено, Маное се помолил на Бога велејќи: „Господе, нека дојде пак при нас човекот Божји, што си го пратил, и нека нè научи како да постапиме со детето што ќе се роди.“ Кога ангелот повторно се појавил, Маное бојазливо и загрижено прашал: „Нека се исполни твојот збор, но како да постапуваме со детето и што да правиме со него?“ Ангелот им го повторил претходно даденото упатство:
561 „Жената нека се чува од сè што ѝ го кажав; нека не јаде ништо од

винова лоза; нека не пие вино и сикер, нека не јаде ништо нечисто и нека внимава на сѐ што ѝ заповедав.“

За детето што му било ветено на Маное Бог предвидел значајна задача. За да стекне особини што ќе му овозможат да го изврши тоа дело, било неопходно и мајката и синот внимателно да ги сообразат своите навики. Затоа ангелот ѝ пропишал на жената на Маное: „Нека не пие вино ниту силни пијалаци и нека не јаде ништо нечисто; и нека држи сѐ што сум ѝ заповедал.“ Навиките на мајката влијаат врз формирањето на детето било во добар или во лош правец. Ако му сака добро на своето дете, мајката прва мора своето однесување да го сообрази со начелата на умереноста и самооткажувањето. Не се мудри оние советници што препорачуваат на идната мајка да ѝ се исполни секоја желба и секое барање. Тоа мислење е погрешно и штетно. Со заповедта што ја упатил Господ, идната мајка под најсвечена обврска морала да владее со себе.

Оваа одговорност ја сносат рамномерно и таткото и мајката. Двајцата родители ги пренесуваат врз своите деца своите духовни и телесни особини, но во иста мера и своите склоности и желби. Поради неумереноста на родителите, децата мошне често се лишени од телесна, духовна и морална сила. Луѓето наклонети кон алкохол и тутун своите незаситни желби, својата разјарена крв и нервна раздразливост ја пренесуваат и на своите деца. Развратниците своите лоши желби, па дури и одвратните болести, со законите на наследувањето ги пренесуваат на потомството. И бидејќи децата им се опираат на искушенијата со уште помалечка сила отколку родителите, склоноста кон опаѓање со секоја генерација е сѐ поголема. Родителите во голема мера се одговорни не само за жестоките страсти и изопачени желби на своите деца, туку и за несреќата на илјадници такви кои се раѓаат неми, слепи, болезливи и неурамнотежени. Секој иден татко и мајка треба да се прашаат: „Што ќе правиме со детето кога ќе се роди?“ Мнозина лекомислено преминуваат преку вистината дека врз детето вршат влијанија и фактори пред тоа да се роди. Меѓутоа, поуката што им ја упатило Небото на овие еврејски родители и која двапати била изрично и свечено повторена, покажува како гледа нашиот Творец на тоа.

За детето што било ветено не било доволно само да прими добро наследство од страна на родителите, туку и грижливо воспитување и формирање на исправни навики. Бог наредил идниот судија и ослободител на Израел уште од своето детство да се воспитува на строга умереност. Уште од своето раѓање тој требало да биде 562
назиреј, бидејќи му било забрането да употребува вино и жестоки пијалаци. Децата уште од малечки нозе мора да се учат на умереност, на самооткажување и самосовладување.

Забраната дадена преку ангелот се однесувала на сè што е „нечисто“. Разликата меѓу чистите и нечистите намирници не била само некаква церемонија или произволен пропис, туку таа се темелела на здравствените начела. Чудесните животни способности со кои се одликувал еврејскиот народ илјадници години во голема мера се резултат на почитувањето токму на таа разлика. Начелата на умереност опфаќаат и сè друго, а не само забрана на жестоките пијалаци. Употребата на надразлива или тешко сварлива храна често е исто толку штетна за здравјето, а во многу случаи токму таа сее семе на пијанство. Вистинската умерност нè учи на воздржување од сè што е штетно и на разумна употреба на она што е здраво и корисно. Малку луѓе има кои правилно сфаќаат во колкава мера нивните навики во јадењето влијаат врз нивното здравје и карактер, врз нивната корисност во овој свет и врз нивната вечна судбина. Апетитот секогаш треба да биде под контрола на моралните и умните сили. Телото треба да му служи на духот, а не духот на телото.

Ветувањето дадено на Маное се исполнило во свое време кога се родил синот на кого му дале има Самсон. Кога момчето почнало да се развива, се видело дека било надарено со необична телесна сила. Меѓутоа, таа сила не потекнувала од неговата добра градба, што мошне добро знаеле и тој и неговите родители, туку зависела од прифаќањето на условите кои, како назиреј, му биле поставени, и кои симболично ги обележувала неговата непотстрижена коса. Кога Самсон би се придржувал кон Божјите заповеди толку верно како неговите родители, тој би доживеал поблагородна и посреќна судбина. Но него го расипало дружењето со идолопоклониците. Бидејќи градот Сарај бил во близина на филистејската земја, Самсон се впуштил со нив во пријателски односи. Така во неговата младост настанале интимни пријателства што го затемниле целиот негов живот. Една млада девојка, која живеела во филистејскиот град Тамнат, го освоила неговото срце и тој решил да ја земе за жена. Неговите богобојазливи родители се обидувале да го одвратат од тоа, но негов единствен одговор бил: „Оженете ме со неа зашто таа ми се смили.“ Најпосле родителите попуштиле пред неговата желба и бил склучен брак.

563 Токму кога влегувал во периодот на својата машкост, кога морал да ја врши својата од Бога одредена мисија - во периодот кога повеќе од кога и да е требало да му биде верен на Бога - Самсон се поврзал со непријателите на Израел. Тој не се прашал дали тој брак ќе му помогне подобро да го прослави Господа или ќе го доведе во таква положба во која не ќе може да ја оствари својата животна задача. Бог им ветил мудрост на сите кои, пред сè, се стремат него

да го прослават, но такво ветување нема за оние што настојуваат да ги задоволат само своите желби.

Колку има такви кои упорно продолжуваат по истиот пат по кој одел Самсон! Колку често се склучуваат брачни врски меѓу побожните и безбожните затоа што во изборот на сопружниците господарат само телесните наклоности. Младите не го прашуваат Бога за совет, ниту ја имаат предвид неговата слава. Христијанството би требало да има решавачко влијание врз брачните односи, но многу често се случува побудите кои водат кон склучување на таква заедница да не се во сообразност со христијанските начела. Сатаната постојано се труди да ја зголеми и да ја зацврсти својата моќ над Божјиот народ. Тој тоа го постигнува на тој начин што наведува поединци да стапуваат во брачни односи со неговите приврзаници; а за да го постигне тоа, тој со сите сили настојува во нивното срце да разбуди сетилни страсти. Но Бог во својата Реч му дал јасно упатство на својот народ да не се поврзува со оние во чиешто срце не постои негова љубов. „Може ли да има согласие меѓу Христа и Велијара? Или што воопшто има меѓу верник и неверник? Каква сличност има храмот Божји со идолите?“ (2. Коринќаните 5,15.16).

При свадбената свеченост Самсон стапил во интимни односи со оние што го мразеле израелскиот Бог. Секој што доброволно стапува во такви односи, ќе биде присилен во извесна мера да се прилагоди кон обичаите и навиките на новото друштво. На тој начин поминатото време е полошо отколку пропуштено. Се мисли и се зборува само за она што е насочено да ги урне бедемите на начелата и да ја ослаби тврдината на душата.

Жената заради која Самсон ја престапил Божјата заповед за да ја добие, му се покажала неверна уште пред да биде завршена свадбената свеченост. Разјарен од нејзината вероломност, Самсон ја напуштил за извесно време и сам се вратил дома. А подоцна, кога се смирил и се вратил да ја земе, таа веќе се омажила за друг. За да се одмазди, ги запалил сите филистејски полиња и лозја, а Филистејците толку многу се налутиле на неа, што ја убиле, иако на вероломност била наведена токму со нивни закани, со што и 564
почнала целата работа. Самсон и пред тоа веќе дал доказ за својата необична сила - со голи раце убил млад лав и триесет луѓе во Аскалон. А тогаш, разјарен поради тоа што Филистејците на толку свиреп начин му ја убиле жената, ги нападнал и „наполно ги порази“. Потоа, во потрага по сигурно засолниште од своите непријатели, се повлекол „во пештерата на карпата Етам“, во племето на Јуда.

Меѓутоа, и тука го прогонувала силна војска на неговите непријатели, па жителите на племето на Јуда, наоѓајќи се во голема

неволја, решиле да им го предадат на неговите непријатели. Така три илјади војници се упатиле кон него во планината. Но, иако биле толку многубројни, сепак, не би се осмелиле да му се приближат кога не би биле сигурни дека тој, како нивни сонародник, нема да им стори ништо. Самсон се согласил врзан да им го предадат на Филистејците, но претходно барал ветување од синовите на Јуда дека тие нема да го нападнат и да го присилат и нив да ги уништува. Дозволил да го врзат со две нови јажиња и да го одведат во логорот на неговите непријатели кои силно се израдувале. Но, додека нивните повици се одгласувале од околните брегови, „Духот Господен слезе врз него". Тогаш тој ги искинал новите јаки јажиња како конци подгорени во оган. И, грабнувајќи го првото оружје што му се нашло при рака, иако тоа бил само магарешки череп, со него ги испотепал Филистејците посилно отколку со копје или со меч. Имало илјадници мртви.

Кога Израелците би биле подготвени да се согласат со Самсона и да ја искористат неговата победа, би можеле уште тогаш да се ослободат од ропството на своите угнетувачи. Но тие постапиле кукавички. Ја занемариле задачата што им ја доверил Бог и наместо да ги истераат незнабошците, тие ги прифатиле нивните понижувачки обичаи, ја одобрувале нивната свирепост, па дури и ја поддржувале нивната неправда сè додека таа не се свртила директно против нив. А кога и сами потпаднале под власт на угнетувачите, ропски ги прифатиле понижувањата што можеле да ги избегнат да му се покориле на Бога. Дури и кога Бог им подигнувал ослободител, тие го напуштале и често се соединувале со своите непријатели.

По оваа победа Израелците Самсона го прогласиле за судија и тој владеел дваесет години. Но еден погрешен чекор приготвува
565 пат за друг. Самсон ја престапил Божјата заповед со тоа што зел жена Филистејка и повторно се осмелил да потоне во сетилна страст и тоа меѓу тие свои смртни непријатели. Потпирајќи се врз својата голема сила која на Филистејците им влевала толку голем страв, решително се упатил во Газа кај некоја блудница. Дознавајќи за неговото присуство, тамошните жители посакале да му се одмаздат. Нивниот непријател се наоѓал меѓу ѕидовите на еден од нивните најсилни градови. Затоа биле сигурни во својот успех и само го чекале утрото за да го зголемат својот триумф. Околу полноќ Самсон се разбудил. Гласот на совеста го обвинувал и при помислата дека го престапил својот завет како назиреј немал мир. Но, и покрај тоа што сторил грев, Божјата милост уште не му била скусена. И овојпат неговата чудесна сила му помогнала да се ослободи. Отишол кај градската порта, ја искорнал од нејзиното

место и, заедно со столбовите и резињата, ја изнел на врвот на една гора на патот кон Хеврон.

Но дури ни тоа што одвај успеал да побегне не го одвратило од неговиот лош пат. Тој не се осмелувал веќе да се врати меѓу Филистејците, но не престанал да паѓа пред сетилните задоволства кои се заканувале да го уништат. „Потоа засака девојка на потокот Сорик", недалеку од неговото родно место. Се викала Далида, што значи „растурница". Долината Сорик била прочуена по своите лозја. И тоа било едно искушение за назирејот што талкал и кој веќе почнал да пие вино и на тој начин ја скинал и втората алка во синџирот што го врзувал за чистотата и за Бога. Филистејците внимателно следеле сè што правел нивниот непријател и кога се спуштил дотаму повторно да стапи во недозволена врска, решиле да го упропастат со помош на Далида.

Филистејците во долината Сорик пратиле пратеништво составено од најугледни луѓе од секоја област на нивната земја. Тие не се осмелувале Самсона да го фатат додека во него била неговата голема сила, но цел им била, ако некако е можно да ја дознаат тајната на неговата сила. Затоа ја поткупиле Далида да дознае и да им открие.

Кога Самсона неговата предавница почнала да го опсипува со прашања, тој ја лажел, велејќи дека ќе ослаби и ќе стане како и другите луѓе ако биде изложен на одредени постапки. Но секогаш кога таа би ја применила предложената постапка, би се видело дека тоа било измама. Затоа го обвинувала за неискреност, велејќи: „Како можеш да тврдиш дека ме сакаш кога твоето срце не е кај мене? Веќе три пати ме прелага, не сакајќи да ми кажеш каде ти 566
лежи големата сила." Самсон три пати можел јасно да се увери дека неговата волшебничка била во заговор со Филистејците да го убие; а секојпат, кога во својата намера не успевала, таа тоа го вртела на шега, а тој слепо одбивал од себе секој страв.

Од ден на ден Далида го мачела додека „душата не му изнемошти до смрт"; а сепак лукаво го држела на своја страна. Најпосле бил совладан и ѝ ја предал тајната: „Бербер не се допрел до мојата глава зашто јас сум назиреј Божји од мајчината утроба; ако некој ме остриже, ќе ме напушти мојата сила и јас ќе ослабам и ќе бидам како другите луѓе." Штом го чула тоа, Далида пратила порака до филистејските прваци веднаш да дојдат. И додека воинот спиел, му пресекле од главата густи китки коса. И тогаш, како што веќе сторила трипати пред тоа, таа извикнала: „Ете Филистејци против тебе, Самсоне!" Тргнувајќи се изненаден, Самсон помислил дека, како и порано, ќе ги уништи Филистејците со својата сила, но, немоќните раце не го слушале веќе и тој сфатил „дека Господ го

напушти". Кога косата му била пресечена, Далида прва почнала да го мачи и да му задава болка за да ја провери неговата сила, зашто Филистејците не се осмелувале да му се приближат сè додека потполно не се увериле оти неговата сила навистина исчезнала. Тогаш го фатиле, му ги извадиле двете очи и го одвеле во Газа. Таму го оковале во синџири и го присилиле да извршува тешка работа.

Каква промена за човекот кој бил судија и заштитник на Израел! - сега немоќен, слеп, заточен и понижен до таа мера да извршува тешка ропска работа. Малку по малку тој ги престапувал и ги погазил условите на својот свет позив. Бог со него долго имал трпение, но кога толку длабоко потонал во грев и ја предал својата тајна, тогаш и Бог отстапил од него. Во неговата долга коса немало сила, но таа била знак на неговата преданост на Бога; и кога Самсон и тој симбол го жртвувал заради задоволување на своите страсти, ги проиграл и благословите што биле обележани со тој знак.

Во своите патила и понижување, како играчка во рацете на Филистејците, Самсон како никогаш порано ја сфатил и ја увидел својата слабост; и неволјата го навела на покајание. Како косата му растела, така постепено и силата му се враќала. Меѓутоа, неговите непријатели воопшто не се плашеле од тоа, сметајќи дека тој е само окован и беспомошен роб.

Филистејците својата победа им ја припишувале на своите бо-
567 гови и, ликувајќи, го исмевале Израеловиот Господ Бог. Во чест на Дагона, бог на рибите и „заштитник на морето", била приредена голема свеченост на која се собрале народот и кнезовите од целата филистејска долина. Толпа поклоници го исполниле огромниот храм и се тискале на галериите дури до покривот. Целата зграда била исполнета со празнична веселба. По велелепната сцена на принесување на жртви, уследила музика и пирување. А тогаш, како врвен трофеј на моќта на Дагона бил доведен и Самсон. Неговата појава е пречекана со ликување. Народот, заедно со своите кнезови, ја исмевале бедата на Самсона и го фалеле богот кој го совладал „нашиот непријател и пустошникот на нашата земја". По извесно време, како да се смирил, Самсон замолил да му дозволат да се потпре на двата централни столба што го држеле покривот на храмот. А потоа тивко се помолил на Бога: „Господе, Боже, спомни си за мене и поддржи ме само сега, о Боже, за да им се одмаздам еднаш на Филистејците за двете мои очи." Потоа ги опфатил двата столба со своите силни раце и, извикнувајќи: „Нека умрам со Филистејците", налегнал со сета сила при што паднал покривот и за миг го уништил сето тоа огромно мноштво. „Повеќе уби умирајќи отколку во текот на целиот свој живот."

Под урнатините на храмот на Дагона биле заедно закопани и идолот и неговите поклоници, и свештеникот и селанецот, и воинот и благородникот. А меѓу нив било и џиновското тело на оној кој бил од Бога одбран да биде ослободител на својот народ. Веста за овој страшен настан се прочула и меѓу Израелците, и роднините на Самсона дошле и без никаква пречка го презеле мртвото тело на својот паднат херој. „И дојдоа неговите браќа и целиот татков дом, го зедоа па отидоа и го погребаа меѓу Сарај и Естаол, во гробот на татко му Маное.“

Божјето ветување дека преку Самсона „ќе почне да го избавува Израел од филистејските раце“ се исполнило, но колку е мрачен и страшен записот за животот на тој човек кој можел да послужи на слава на Бога и нацијата да се гордее со него. Кога Самсон би му бил верен на својот Божји позив, би се исполнила Божјата намера во врска со неговиот углед и возвишеност. Но тој попуштил во искушението, се покажал недостоен за довербата што му била укажана, па својата мисија ја завршил со пораз, со ропство и смрт.

Самсон физички бил најсилен човек на земјата, но во самосовладувањето, во моралната доблест и цврстина бил меѓу најслабите. Мнозина погрешно сметаат дека силните страсти се знак на силен карактер, а всушност секој што ќе дозволи со него да владеат страстите е вистински слабак. Вистинската големина на еден човек се мери според силата на чувствата што тој може да ги совлада, а не според силата на чувствата што него го совладуваат. 568

Грижата што ја води Бог во своето провидение за човекот, на Самсона не му била скусена, така што тој можел да се приготви за извршување на задачата за која бил повикан. Уште од почеток на својот живот живеел во околности што биле поволни за развиток на неговите телесни и духовни сили и за развиток на неговата морална чистота. Но, под влијание на лошото друштво, тој занемарил постојано да оди со Бога, што претставува единствена сигурност за човекот, и поројот на злото го зафатил. Сите кои на патот на должноста се доведени во искушение, можат да бидат сигурни дека Бог ќе ги сочува, но ако луѓето доброволно се изложуваат на силата на искушението, порано или подоцна сигурно ќе паднат.

Сатаната со сите свои сили настојува да ги заведе токму оние луѓе што Бог има намера да ги употреби како свои орудија за некое нарочно дело. Тој нас нѐ напаѓа таму каде што сме најслаби, настојувајќи преку карактерните недостатоци да завладее со целото наше суштество; и тој знае дека, доколку ние не ги отстраниме тие наши недостатоци, неговиот успех е сигурен. Сепак, никој не мора да биде победен. Во борбата против силата на злото човекот не

е препуштен сам на себе. Помошта ни стои при рака и ќе ѝ биде дадена на секоја душа која искрено ќе ја побара. Божјите ангели, кои се прикажани со скалата во сонот на Јакова, и кои постојано се качуваат и слегуваат, ќе ѝ помогнат на секоја душа што сака да се качи дури и на небото.

55

# ДЕТЕТО САМОИЛ

*Оваа г̄лава е заснована на 1. Самоилова 1 г̄лава и 2,1-11*

Елкана, Левит од горатa Ефремова, бил имотен и влијателен човек, еден од оние што го љубат Бога и го страхопочитуваат. Неговата жена, Ана, била мошне побожна. Нејзиниот карактер се одликувал со скромност, со длабока сесрдност и со благородна вера.

Божјиот благослов, за кој сериозно копнееле сите Израелци, ѝ бил скусен на оваа побожна брачна двојка; во нивниот дом не се слушал весел детски глас. Желбата да го овековечи своето име го навела сопругот - како и многу други - да стапи во втор брак. Но тој чекор не донел среќа, зашто бил последица на недоволна доверба во Бога. Семејството се намножило со синови и ќерки, но радоста и убавината на Божјата света установа биле извалкани, а семејниот мир нарушен. Новата жена, Фенина, била љубоморна и тесноградa, а нејзиното однесување горделиво и бесрамно. На Ана ѝ се чинело дека ѝ пропаднала секоја надеж и животот ѝ станал товар; но своето искушение сепак го поднесувала кротко, без поплаки.

Елкана верно ги почитувал Божјите прописи. Богослужението сѐ уште се одржувало во Силом, но поради нередовноста на службите што ги вршел во Светилиштето како Левит, неговите услуги не се барале веќе. Сепак, тој со своето семејство одел на пропишаните собири да му се помоли на Бога и да принесе жртва.

Лошиот дух, кој претставувал проклетство за неговиот дом, се чувствувал дури и за време на светите празници поврзани со службата во Светилиштето. Откако била принесена жртвата благодарница, според стариот обичај би се собрало цело семејство на свечена и радосна гозба. Во тие пригоди Елкана на мајката на своите деца ѝ давал еден дел а исто така и по еден дел на секој нејзин син и ќерка. Меѓутоа, во знак на почит, на Ана ѝ давал два дела, како
и таа да имала син. Разјарена со љубомора, другата жена првен- 570
ството го барала за себе, тврдејќи дека Бог ѝ е посебно наклонет,

и ја јадосувала Ана, префрлајќи ѝ дека е неротка и дека тоа е знак оти таа не му е угодна на Бога. Тоа се повторувало секоја година, па Ана не можела веќе да издржи. Бидејќи не можела да ја скрие својата болка, постојано плачела и си заминувала од свеченоста. Попусто нејзиниот сопруг се обидувал да ја утеши. „Ано, зошто плачеш, и зошто не јадеш, и поради што е нажалено твоето срце? Не вредам ли јас за тебе повеќе од десет синови?“ (1. Царевите 1,8).

Ана не се жалела. Сите свои тешкотии што не можела да ги дели со никого на земјата, му ги доверувала само на Бога. Сериозно се молела Господ да го симне нејзиниот срам и да ѝ подари син, кого таа ќе го одгледа за него. Свечено се заветувала дека своето дете уште од неговото раѓање ќе му го посвети на Бога ако молбата ѝ биде примена. Се приближила дури до влезот во светињата и во својата душевна болка таа „се помоли плачејќи многу“. Се молела во себе, не изговарајќи гласно ниту еден збор. Во тоа лошо време за такви молитви не се знаело. Разузданоста, па дури и пијанството, не биле ништо необично и при верските свечености. Затоа првосвештеникот Илија, посматрајќи ја Ана, си помислил дека е пијана од вино. Сметајќи дека заслужила прекор, ѝ рекол строго: „До кога ќе бидеш пијана? Истрезни се од виното.“

Изненадена и обземена од болка, Ана одговорила љубезно: „Не, господару мој; јас сум жена која душевно страда; вино и сикер не сум пила, а ја излевам душата пред Господа.“

Првосвештеникот тоа длабоко го трогнало зашто бил Божји човек и, наместо прекор, изрекол благослов: „Оди си со мир и Бог Израелов нека ти ја исполни молбата за која го молеше.“

Бог ја примил молитвата на Ана и ѝ го подарил она за што сесрдно го преколнувала. Дочекувајќи го своето дете, го нарекла Самоил - „зашто го измоли од Господа“. Штом момчето пораснало толку за да може да се одвои од мајка си, таа го исполнила својот завет. Ана го сакала своето дете со сета преданост на мајчинското срце; посматрајќи го секој ден како се развива и слушајќи го неговиот детски говор, го сакала сè повеќе и повеќе. Тоа ѝ било
571 единствено дете, посебен небесен дар. Меѓутоа, бидејќи го примила како дар посветен на Бога, таа не сакала на Дародавецот да му го скуси она што е негово.

Кога Ана повторно пошла со својот маж во Силом, му го донела на свештеникот во Божје име својот драгоцен подарок, велејќи: „О ... господару мој! Јас сум онаа жена што стоеше тука при тебе и му се молеше на Господа. За ова дете се молев, и Господ ми ја исполни молбата со која му се молев. И јас му го предавам сега на Господа за цел живот - нека му служи на Господа.“ Верата и побожноста на оваа Израелка длабоко го трогнале Илија. Мошне попустлив како

татко, се уплашил и се понизил кога ја видел големата жртва на оваа мајка која се дели од своето единствено дете за да го посвети на служба на Бога. Почувствувал укор поради својата себична љубов, па се понизил и со страхопочит се помолил.

Мајчиното срце било полно со благодарност и со радост и таа копнеела да му ја изрази на Бога својата благодарност. Духот на пророштвото ја обзел неа и таа „се помоли и рече:

„Ми се израдува срцето мое во Господа; се воздигна мојот рог преку мојот Бог; широко ми се отвори устата против моите непријатели, зашто се радувам поради спасението од тебе. Никој не е така свет како Господ; нема друг, освен тебе; и нема тврдина како нашиот Бог. Не продолжувајте да говорите надуено; горделиви зборови да не излегуваат од вашата уста; зашто Господ е Бог кој знае сѐ, и неговите дела се обмислени. Лакот на силните се прекршува, а слабите се здобиваат со сила; ситите работат за леб, а гладните почиваат; дури и неплодната раѓа седумпати, а многудетната изнемоштува. Господ умртвува и оживува, кутнува наземи и крева; Господ го прави човекот сиромав и богат, го понижува и го воздига. Од прав го подига бедниот, од кал го крева сиромавиот, ставајќи го да седне со големците, и им го дава во наследство престолот на славата; зашто во Господа се основите на земјата, и Тој врз нив ја утврди вселената. Ги услишува молитвите на молителот и ги благословува деновите на праведникот, го опашува со сила помазаникот. Господ ќе ги сотре оние што се препираат со него; од небесата ќе згрми на нив. Господ е свет. Да не се фали мудриот со својата мудрост, да не се фали силниот со
својата сила, да не се фали богатиот со своето богатство, туку 572
секој, кој сака да се фали, нека се фали со тоа што го разбира и го знае Господа. Господ ќе им суди на земните краишта, ќе му даде сила на својот цар и ќе го воздигне рогот на својот Помазаник.“

Зборовите на Ана биле пророчки зборови и се однесувале како на Давида, кој требало да владее како цар над Израел, така и на Божјиот Помазаник, Месија. Во пофалната песна во почетокот се зборува за дрска жена кавгаџика, а подоцна за пропаста на Божјите непријатели и за конечниот триумф на откупените.

Од Силом Ана спокојно се вратила во своето родно место Рама, оставајќи го детето Самоил да се обучи за служба во домот Господен, под раководство на првосвештеникот. Уште од мигот кога детето почнало да сфаќа, таа го учела да го почитува и да го сака Бога и себеси да се смета за Господова своина. Секој предмет што се наоѓал околу него ѝ послужил како средство неговите мисли да ги упати кон Творецот. Ниту по разделбата со детето не престанала нејзината мајчинска грижа. Секој ден таа се молела на Бога за него.

Секоја година со свои раце му шиела наметка и кога со својот маж одела во Силом на молитва, му ја давала на своето дете во знак на својата љубов. Секоја нишка на малечката наметка била вткаена со молитва синот да ѝ остане чист, благороден и верен. Не се молела тој да постигне земна големина, туку сесрдно преколнувала синот да ја постигне онаа големина што ја цени Небото - да го почитува Бога и да им биде на благослов на своите ближни.

Колкава награда Ана примила за тоа! И колку нејзиниот пример може да поттикне на верност! На секоја мајка ѝ се даваат можности од непроценлива, бесконечна вредност. Скромното поле на работа и исполнувањето на обичните должности, кои на многу жени тешко им паѓаат, би требало да се сметаат за големо и благородно дело. Големо предимство на секоја мајка е со своето влијание да му послужи на светот на благослов, а исполнувањето на таа задача ќе му донесе на нејзиното срце голема радост. Таа може да го израмни патот за чекорите на своето дете, патот што води низ светлината и темнината кон возвишениот горни свет. Меѓутоа, таа може да се надева дека карактерот на своето дете ќе го доближи до Божјиот карактер единствено ако и самата во својот живот настојува да ја следи Христовата наука. Светот е преполн со влијанија што можат да го расипат човекот. Врз младите вршат силно влијание модата и обичаите. Ако мајката е немарна во својата должност да поучува, да води и да зауздува, децата природно ќе го прифатат злото и ќе се оддалечат од доброто. Секоја мајка често нека му се обраќа на Спасителот со молитва: „Какво ќе биде правилото
573 за детето и што треба да се прави со него?“ Секоја мајка нека го има на ум упатството што го дал Бог во својата Реч, па ќе прими мудрост кога ќе ѝ затреба.

„А детето Самоил растеше и им беше мило и на Господа и на луѓето.“ Иако своето детство го поминал служејќи во Светилиштето посветено на Бога, Самоил сепак не бил заштитен од лошите влијанија или од лошиот пример. Синовите на Илија не се боеле од Бога ниту го почитувале својот татко; но Самоил не се дружел со нив ниту ги следел нивните лоши патишта. Постојано се трудел да го постигне она што го очекувал од него Бог. А такво предимство има секое младо суштество. На Бога му е угодно кога и малечките деца ќе се посветат на неговата служба.

Самоил му бил доверен на грижа на Илија и милноста на детскиот карактер кај стариот свештеник предизвикувала топла наклоност. Момчето било љубезно, великодушно, послушно и полно со почит. Ожалостен поради отпадот на своите синови, Илија наоѓал мир, утеха и благослов во присуство на својот малечок штитеник. Самоил бил услужлив и предан, и дури ни таткото не би го сакал

толку своето дете колку Илија што го сакал Самоила. Имало нешто необично во тоа што меѓу највисокиот народен судија и едно дете се родила толку топла наклоност. Секогаш кога остарениот Илија би го обзела немоќ или би го мачела совеста поради лошото однесување на неговите синови, тој му се обраќал на Самоил да го теши.

Било вообичаено Левитите да не стапуваат во званична служба додека не наполнат дваесет и пет години, но кај Самоил е направен исклучок. Секоја година му биле доверувани сѐ поголеми должности, и уште како дете носел ленен плеќник во знак дека е посветен за служба во светињата. Иако бил сосем млад кога е доведен да служи во Светилиштето, Самоил веднаш ја прифатил должноста во Божјата служба сообразно со своите можности. Тие должности од почеток биле мошне скромни и не биле секогаш пријатни, но тој ги исполнувал колку што можел подобро и со добра волја. Неговата вера се забележувала во сите животни должности. Себе си се сметал за Божји слуга, а својата работа за Божје дело. 574
Неговите напори му биле угодни на Бога, зашто потекнувале од љубов кон Бога и од искрен стремеж да ја исполнува неговата волја. Така Самоил станал помошник на Господа. И Бог го оспособил да изврши големо дело во Израел.

На децата нивната работа би им била многу попријатна и почесна кога родителите би ги учеле дека нивните малечки секојдневни должности всушност се пат што им го одредил Бог, училиште во кое треба да се обучат за верно и успешно да ја вршат службата. Кога секоја должност ја вршиме од срце, како да е извршена лично за Бога, тогаш и најскромното занимање има посебен шарм, поврзувајќи ги работниците на земјата со светите суштества кои Божјата волја ја извршуваат на небото.

Ако сакаме да успееме во овој живот и да го добиеме идниот живот, ние мораме совесно и верно да ги извршуваме малечките работи. Совршенство се гледа и во најмалечкото Божје дело токму како и во најголемото. Истата онаа рака што ги одржува световите при нивното кружење низ вселената, ги создала нежно и вешто и полските кринови. И како Бог што е совршен во својот делокруг, така треба да бидеме и ние совршени во нашиот. Хармоничен, убав и силен карактер се изградува со лично исполнување на должностите. Во најмалечките, како и во поважните постапки во нашиот живот, верноста треба да биде главно обележје. Чесноста во малечките работи и верноста и љубезноста ќе ја осветлат патеката на животот; и кога нашето дело на земјата ќе биде завршено, ќе се покаже дека секоја од најмалечките должности што била верно исполнета, имала свое влијание на добро - влијание што нема да се заборави.

Младите во наше време можат во Божјите очи да бидат исто толку драгоцени како Самоил. Со тоа што верно ќе истраат во својата христијанска чесност, младите можат да имаат силно влијание во делото на реформата. Такви луѓе се потребни и денеска. За секого од нив Бог има некоја задача. Никогаш луѓето не постигнале поголем успех во работата за Бога и за човештвото отколку што можат тоа да го постигнат токму во овие наши денови само ако верно ги исполнуваат должностите што им ги одредил Бог.

56

# ИЛИЈА И НЕГОВИТЕ СИНОВИ

*Оваа глава е заснована на 1. Самоилова 2,12-36*

Илија бил израелски свештеник и судија. Заземал највисоки и најодговорни положби во Божјиот народ. Како Божји одбраник за извршување на најсвети свештенички должности и како најголем судски авторитет во земјата, од народот е сметан за човек што треба да биде пример и имал големо влијание врз израелските племиња. Меѓутоа, тој, кој бил одреден да владее со народот, не можел да управува со сопственото семејство. Илија бил попустлив татко. Бидејќи сакал мир и угодност, не го користел својот авторитет да ги исправа лошите навики и страсти на своите синови. Наместо да им се противставува и да ги казнува, тој се повлекувал пред нивните желби и им дозволувал да одат по свои патишта. Наместо воспитувањето на своите синови да го смета за најважна должност, тој таа задача ја занемарил. На израелскиот свештеник и судија сосема јасно му била предочена должноста со родителскиот авторитет да господари и да ги зауздува децата што му ги подарил Бог. Но Илија се повлекол пред таа должност, зашто таа од него барала да ѝ се противставува на волјата на своите синови, да ги казнува и да им скусува по нешто. Не проценувајќи ги страшните последици што мора да настанат поради таквото негово постапување, дозволувал децата да му прават што сакаат и ја занемарил својата обврска да ги оспособи за служба на Бога и за животните должности.

Бог за Аврама рекол: „Оти него го избрав за да им заповеда на своите синови и на својот дом по себе да одат по патот Господен и да извршуваат правда и суд“ (1. Мојсеева 18,19). Илија пак дозволувал децата да му господарат. Таткото им бил потчинет на децата. Проклетството поради престапот на законот јасно се покажало во расипаноста и злото со кои било обележано однесувањето на неговите синови. Тие немале вистинско сфаќање за Божјиот карактер или за светоста на неговиот закон. Службата на татко им 576
за нив била обична работа. Уште од малечки нозе навикнале на

Светилиштето и на богослужението. Но, наместо да негуваат сè поголема страхопочит, тие загубиле секакво чувство за светоста на службата и за нејзиното значење. Таткото не ги укорувал поради недостигот на почит кон неговиот авторитет, ниту ги опоменувал поради омаловажувањето на свечената служба во Светилиштето; а кога станале зрели луѓе, биле полни со смртоносни плодови на неверство и бунт.

Иако целосно несоодветни за служба, сепак биле поставени во Светилиштето како свештеници да служат пред Бога. Во врска со принесувањето на жртвите, Бог дал мошне исцрпни одредби; но овие безбожни луѓе покажувале презир кон авторитетот дури и при богослужението и не воделе сметка за законот односно за жртвата што требало да ја принесат на исклучително свечен начин. Жртвите кои симболично укажувале на Христовата жртва, имале за цел во срцето на народот да ја сочуваат верата во идниот Спасител. Оттаму било мошне важно најсовесно да се исполнуваат Божјите упатства во врска со принесувањето на жртвата. Жртвите благодарници посебно претставувале израз на благодарност кон Бога. При принесувањето на тие жртви само лојот се спалувал на жртвеникот; еден посебно одреден дел е задржуван за свештениците, додека поголемиот дел му се враќал на оној што ја принесувал жртвата да го изеде со своите пријатели на свечениот празничен ручек. На тој начин срцата на сите присутни со благодарност и вера биле упатувани кон големата Жртва што ќе ги земе на себе гревовите на светот.

Синовите на Илија, наместо да го почитуваат свечениот карактер на оваа симболична служба, се труделе да ја искористат единствено да ја задоволат својата дрчност. Не биле задоволни со оној дел од жртвата благодарница што им припаѓал ним, туку барале и додатен дел; така при годишните свечености, кога се принесувани вакви жртви во голем број, им се давала можност да се збогатат на сметка на народот. И не само што барале за себе повеќе отколку што им припаѓало, туку и лојот што требало да изгори како жртва на Бога прерано го симнувале од жртвеникот. Упорно барале да им се даде токму оној дел што им се допаѓал, закануvajќи се дека ќе го земат со сила ако некој им се противстави.

Таквата дрскост од страна на свештениците му го одземала на богослужението неговото свето и свечено значење и „луѓето беа рамнодушни кон Господовиот принос“. Големата Христова жртва на која укажувале овие жртви не била веќе ценета. „И гревот на тие младичи беше многу голем пред Господа.“

Тие неверни свештеници го газеле Божјиот закон и го обесчес-
577 тувале светото звање со своето грешно и понижувачко однесување,

а сепак и понатаму останувале во Светилиштето валкајќи го. Поради безбожното постапување на Офнија и Финеса, многу луѓе од народот се отуѓиле од местото каде што се вршело богослужението. Така е занемарена и презрена службата што ја пропишал Бог, зашто била поврзана со гревовите на овие безбожни луѓе. А оние, чиишто срца биле наклонети кон зло, се осмелиле уште повеќе да грешат. Безбоштвото, расипаноста, па дури и идолопоклонството, зеле страшен замав.

Илија направил голема грешка што им дозволил на своите синови да вршат служба во Светилиштето. Оправдувајќи го нивното однесување на овој или оној начин, станал слеп за нивните гревови. Но најпосле, кога преминале секоја граница, тој не можел веќе да ги затвора очите пред расипаноста на своите синови. Народот се жалел против нивното насилство и првосвештеникот бил столчен и загрижен. Не се осмелувал и понатаму да молчи. Меѓутоа, неговите синови биле воспитувани да мислат само на себе и не се осврнувале на никого. Тие ја забележувале жалоста на татка си, но таа не го допрела нивното срце. Ги слушале неговите благи прекори, но тоа воопшто не влијаело врз нив ниту пак биле подготвени да го изменат своето лошо однесување, иако им било обрнато внимание на последиците што може да ги донесе нивниот грев. Кога Илија би постапил праведно во однос на своите лоши синови, тие би биле сменети од свештеничка должност и казнети со смрт. Но, плашејќи се да не им нанесе јавно срам и да ги осуди, ги поднесувал во најсветите и најдоверливи должности. И понатаму им дозволувал својата расипаност да ја внесуваат во светото богослужение и на Божјето дело да му нанесуваат срам што многу години не ќе можат да го исправат. Меѓутоа, бидејќи судијата на Израелците ја занемарил својата должност, Бог ја зел работата во свои раце.

„И дојде Божји човек при Илија и му рече: 'Вака вели Господ: Нели се открив во татковиот ти дом, кога тие уште беа во Египет, во домот на фараонот? И меѓу сите племиња Израелови нели го избрав него за свештеник, да пристапува пред мојот жртвеник, да кади темјан, да носи ефод пред мене? Нели му ги дадов јас на татковиот ти дом сите жртви сепаленици од синовите Израелови? А вие зошто ги газите со нозе моите жртви и моите лебни приноси што заповедав да се принесуваат пред мене, и зошто ги претпочиташ своите синови повеќе од мене, гоејќи се од првините на сите приноси на мојот народ Израел? Затоа Господ Бог Израелов вели вака: Јас бев рекол тогаш - домот твој и домот на татко ти ќе одат пред лицето мое засекогаш; но сега Господ вели дека не е 578
така, зашто јас ќе ги почитувам оние што ме почитуваат мене, а

оние што ме презираат мене ќе бидат презрени ... И ќе си поставам свештеник верен; тој ќе работи според моето срце и според мојата душа; и неговиот дом ќе го направам цврст, и тој ќе оди пред мојот Помазаник довека.‟“

Бог го обвинил Илија дека повеќе ги пази своите синови отколку него и неговата служба. Тој побргу дозволил жртвата што им ја наменил Бог на Израелците како благослов да стане нешто што ги одбива луѓето, отколку на своите синови да им нанесе срам казнувајќи ги нивните безбожни и грди постапки. Сите кои во својата слепа љубов, заведени од своите наклоности, им дозволуваат на децата да ги задоволуваат своите себични желби и не го истакнуваат Божјиот авторитет за да го укорат гревот и да го исправат злото, покажуваат дека повеќе ги ценат своите безбожни деца отколку Бога. За нив е поважно да им угодуваат на своите деца отколку на Бога, поважно отколку неговата служба да ја сочуваат од секоја дамка на злото.

Илија како свештеник и судија во Израел бил пред Бога одговорен за моралот и верата кај народот, а особено за карактерот на своите синови. Тој морал прво да се обиде со благи мерки да го заузди злото, а во случај тоа да не помогне, злото требало да го совлада со најстроги средства. Меѓутоа, тој на себе навлекол Божје незадоволство со тоа што не го осудувал гревот ниту ги казнувал грешниците. Тој не можел Израелците да ги сочува чисти. Оние што немаат доволно храброст да ја осудат неправдата или кои поради својата рамнодушност и недостиг од интерес не вложуваат сериозни напори да го очистат семејството или Божјата црква, ќе бидат одговорни за сите зла што можат да произлезат од нивното занемарување на должностите. Ние сме одговорни за злото што сме можеле да го спречиме со родителскиот или со свештеничкиот авторитет исто толку како самите да сме го сториле.

Илија не управувал со своето семејство според начелата што ги пропишал Бог. Тој работел по своја замисла. Нежниот татко пропуштал недостатоците и грешките на своите синови да ги исправа во нивното детство, мислејќи дека со текот на времето нивните лоши склоности ќе се загубат сами од себе. И денеска многу родители прават иста грешка. Тие мислат дека знаат подобар начин за воспитување на децата од начинот што го пропишал Бог во својата Реч. Тие поттикнуваат лоши склоности кај нив, правдајќи го тоа со зборовите: „Децата се уште премногу малечки за казната да ја сфатат правилно. Треба да се почека додека да станат разумни па работата убаво да им се објасни.“ Така на лошите навики им се дозволува да се засилуваат сè додека не преминат во
579 друга природа. Така децата растат незауздани и неослободени од

карактерните недостатоци кои во текот на целиот живот ќе им служат на проклетство, а кои лесно ќе преминуваат и врз другите.

Нема поголемо проклетство за едно семејство отколку на децата да им се пушта на волја. Ако родителите исполнуваат секоја желба на своите деца и им дозволуваат да прават нешто што знаат дека нема да им служи на добро, децата бргу губат секоја почит кон родителите, не го уважуваат ниту Божјиот ниту човечкиот авторитет, и „сатаната живи ги лови, ставајќи ги под своја власт“. Влијанието на несреденото семејство е огромно и погубно за целото општество. Од него настанува вистинска поплава на зло што ги погаѓа семејствата, црквите и државата.

Влијанието на Илија било многу подалекусежно поради положбата што ја заземал, отколку што би било кога тој би бил обичен човек. Неговиот семеен живот им служел за пример на сите Израелци. Штетните последици на неговото лекомислено постапување и љубовта за угодност се покажале во илјадници други семејства што го следеле неговиот пример. Ако на децата им се дозволува да одат по лош пат, иако родителите тврдат дека веруваат, Божјата вистина се срамоти. Најдобар доказ за вистинското христијанство во едно семејство е оној вид карактер што произлегува од тоа христијанство. Делата зборуваат појасно отколку најсовршеното исповедање на верата. Оние што ја исповедаат верата ако не се сериозни и истрајни во своите напори да остварат добро среден семеен живот што би бил најсилен доказ во прилог на верата во Бога, туку се попустливи кон лошите желби на своите деца, тогаш постапуваат исто како и Илија - го срамат Христовото дело и навлекуваат пропаст на себе и на своето семејство. Меѓутоа, колку и да е големо злото предизвикано со неверната служба на родителите во кое било семејство, тоа е уште десет пати поголемо ако се забележува во семејството што е одредено да му биде учител на народот. Ако тие родители не го совладуваат злото во својот дом, со својот лош пример заведуваат и многу други семејства. Големината на нивната кривица е сообразна со големината на одговорноста и положбата што ја заземаат како водачи на народот.

На Ароновиот дом му било ветено дека вечно ќе оди пред Бога. Но тоа ветување е дадено под услов Ароновите потомци да се посветат со сето срце на службата во Светилиштето, со своите дела да го величаат Бога, а не да си служат себеси и да ги следат своите изопачени наклоности. Илија и неговите синови биле проверувани и Бог утврдил дека не се достојни за возвишената положба на свештеници во неговата служба. Бог рекол: „Нема да биде така.“ 580
Тој не можел да го исполни ветувањето што им го дал, зашто тие пропуштиле да ја исполнат должност што им била доверена.

Примерот на оние што се во света служба треба да биде таков на луѓето да им влева почит кон Бога и страв пред помислата дека можат да го навредат. Луѓето што стојат „наместо Христа" (2. Коринќаните 5,2) да му ја објават на народот Божјата вест на милоста и помирувањето, ако својот свет позив го користат како параван да ги задоволат своите себични или неморални желби, стануваат најуспешно орудие на сатаната. Како Офние и Финес, и тие придонесуваат луѓето да „бидат рамнодушни кон Господовиот принос". Извесно време тие можат да одат по својот лош пат тајно, но најпосле, кога ќе се покаже нивниот вистински карактер, луѓето се соблазнуваат и често губат доверба во религијата. Во нивната душа се јавува презир кон сите што тврдат дека ја проповедаат Божјата реч. Веста на вистинскиот Христов слуга се прима со сомневање и постојано се слуша прашањето: „Дали можеби и овој човек ќе биде ист како оној што го сметавме толку свет, а беше толку зол?" На тој начин Божјата реч ја губи моќта на влијанието врз душата на човекот.

Илија ги укорувал своите синови и со зборови полни со сериозност и со страшно значење. Тие зборови треба добро да ги проучат сите што учествуваат во светата служба: „Ако човек згреши против човек, ќе му суди судија, но ако човек згреши против Господа, кој ќе биде тој што ќе моли за него?" Кога нивните престапи би им штетеле само на луѓето околу нив, судијата можел да одреди казна и да ја исправи работата со тоа што би барал надомест за штетата, па на тој начин на грешникот би можело да му се прости. Или кога би се огрешиле ненамерно, за нив можела да се принесе жртва за грев. Меѓутоа, нивните гревови како свештеници во службата на Севишниот во толкава мера го сквернавеле и го обесчестувале Божјето дело пред народот, што за нив немало веќе проштавање. Нивниот роден татко, иако првосвештеник, не се осмелувал да се заземе за нив. Тој не можел да ги штити пред гневот на светиот Бог. Од сите грешници најмногу се виновни оние што го презираат средството што го предвидело Небото за спасение на човекот - кои „повторно си го распнуваат себеси Божјиот Син и јавно го изложуваат на подбив" (Евреите 6,6).

57

# ФИЛИСТЕЈЦИТЕ ГО ЗАРОБУВААТ КОВЧЕГОТ НА ЗАВЕТОТ

*Оваа ӣлава е засновава на 1. Самоилова 3 - 7 ӣлава*

На домот на Илија му била пратена уште една опомена. Бог не можел да контактира со првосвештеникот и со неговите синови; нивниот грев како непробоен облак го засолнувал присуството на неговиот Свети Дух. Но среде тоа зло, малечкиот Самоил останал верен пред Небото и кога ја изнел пресудата над домот на Илија, станал пророк на Севишниот.

„Момчето Самоил му служеше на Господа при Илија; во тоа време речта Господова беше ретка и немаше виденија. Но еден ден Илија лежеше во својата соба - очите почнаа да му се премрежуваат па не можеше веќе да гледа - Божјиот свеќник уште не беше угаснат, и Самоил лежеше во храмот Господен, каде што беше ковчегот Божји." „И Господ го викна Самоила." Мислејќи дека го вика Илија, момчето скокнало и потрчало кон постелата на првосвештеникот и рекло: „Еве ме, зошто ме викаш?" А Илија му одговорил: „Не те викав, оди и легни си". Три пати Самоил бил повикан и три пати одговорил на ист начин. Тогаш Илија се уверил дека таинствениот повик бил Божјиот глас. Господ го заобиколил својот одбран слуга, старецот со седа глава, и му се обратил на дете. Тоа веќе само по себе било горчлив но оправдан прекор за Илија и за неговиот дом.

Но, во срцето на Илија не се појавила ниту завист ниту љубомора. Го посоветувал Самоила, ако уште еднаш чуе некој да го вика, само да одговори: „Зборувај, Господе, слуша твојот слуга." Кога пак слушнало глас, момчето одговорило: „Зборувај, слуша твојот слуга." При помислата дека великиот Бог треба да му зборува токму нему, Самоил толку многу се уплашил, што не можел точно да ги повтори зборовите што му ги кажал Илија.

„И му рече Господ на Самоила: Еве, ќе сторам нешто во Израел од што ќе му писнат двете уши на секого што ќе чуе. Во тој ден ќе

582 го извршам над Илија сè она што сум го зборувал за неговиот дом, од почеток до крај. Ти ќе му објавиш дека ја осудувам неговата куќа довека. Тој знаеше дека неговите синови хулат на Бога, но не ги заузди. Затоа - му се колнам на домот на Илија - нема да ја исперат кривицата на домот на Илија никакви жртви ниту приноси довека.“

Пред да ја прими таа порака, „Самоил уште не го познаваше гласот на Господа и уште не му беше објавена речта Господова“, што значи дека тој уште не знаел за непосредните откровенија на Божјето присуство какви што им биле давани на пророците. Божја намера била да се открие на неочекуван начин, па Илија за тоа дознал испитувајќи го изненаденото момче.

При помислата на толку страшната вест што му била доверена, Самоила го обзел страв и чудење. Утредента изутрина како и обично ги извршувал своите должности, но со тешко сознание што го притискало неговото младо срце. Господ не му наредил таа страшна вест да ја пренесе, па молчел и колку што можел повеќе одбегнувал средба со Илија. Се плашел дека со некакво прашање би можел да биде присилен Божјата казна да му ја соопшти на оној кого толку многу го сакал и го почитувал. Илија цврсто верувал дека таа вест навестувала некаква голема несреќа за него и за неговото семејство. Го повикал Самоила и му наредил верно да раскаже сè што му открил Господ. Момчето послушало, а стариот човек скршено ја наведнал главата пред страшната пресуда. „Господ е, нека прави што му е волја“, рекол Илија.

Па сепак, Илија не покажал плодови на вистинско покајание. Ја признал кривицата, но не се откажал од гревот. Господ со години ја одложувал најавената казна. За тоа време можело многу да се стори за да се искупат грешките од минатото. Но стариот свештеник не презел ништо одредено за да го отстрани злото што го валкало Светилиштето Господово и водело во пропаст илјадници Израелци. Божјето трпение придонело срцето на Офнија и Финеса уште повеќе да се стврдне, па тие биле уште подрски во престапите. Илија целиот народ го запознал со укорот и со опомената што му ја упатил Бог на неговиот дом. Се надевал дека на тој начин ќе ја ублажи немарноста на своите поранешни години. Но, како и некогаш свештениците што им придавале малку важност на Божјите опомени, така сега ниту народот не им придавал сериозно значење. И околните народи, кои биле добро запознати со неправдата што отворено се правела во Израел, станале уште посмели во своето идолопоклонство и во лошите дела. Тие не
583 чувствувале дека се виновни за своите гревови како тогаш кога Израелците би биле истрајни во својата чесност. Но денот на одмаздата се приближувал. Божјиот авторитет бил омаловажуван,

неговата служба занемарена, па Бог морал да се вмеша за да ја сочува честа на своето име.

„И Израелците излегоа во војна против Филистејците и се улогорија при Евен-Езер, а Филистејците се сместија во Афек." Израелците тргнале во овој воен поход не прашувајќи го Бога за совет и не барајќи помош од првосвештеникот или од пророк. „И Филистејците се наредија за борба против Израелците; и почна борбата, и Филистејците ги разбија Израелците, и загинаа од нив на бојното поле околу четири илјади души." А кога разбиената и победена војска се вратила во логорот, „рекоа старешините: 'Зошто Господ денес нè порази пред Филистејците?'" Народот бил зрел да прими Божја казна, а сепак не увидувале дека нивните гревови ја предизвикале таа страшна несреќа. Рекле: „Да го донесеме од Силом ковчегот на заветот Господен, да биде меѓу нас и да нè избави од рацете на нашите непријатели." Бог ниту им наредил ниту им одобрил ковчегот на заветот да го донесат на боиштето. Но тие цврсто верувале дека сега ќе победат, па подигнале силен вик кога синовите на Илија го внеле во логорот ковчегот на заветот.

Филистејците ковчегот на заветот го гледале како израелски Бог. Сите чудесни дела што ги сторил Јехова за својот народ ѝ биле припишувани на моќта на ковчегот. Кога ги слушнале радосните извици на Израелците, „рекоа: 'Зошто ли се тие радосни извици во логорот на Евреите?' И дознаа, дека во логорот пристигнал Господовиот ковчег. И се уплашија Филистејците, бидејќи рекоа: 584
'Тешко нам, зашто такво нешто не се случило до сега! Тешко нам, кој ќе нè спаси од раката на тој силен Бог? Тоа е истиот Бог што ги порази Египќаните со секакви поразии во пустината. Стегнете се, о Филистејци, и бидете храбри за да не станете робови на Евреите, како што се тие во ропство под вас; бидете јунаци и удрете на нив.'"

Филистејците извршиле жесток напад, ги разбиле Израелците и им нанале големи загуби. На боиштето останале триесет илјади мртви, ковчегот на заветот паднал во рацете на непријателите, а двајцата синови на Илија загинале бранејќи го. Така на страниците на историјата и во оваа пригода е запишано сведоштво за идните поколенија - гревовите на Божјиот народ нема да останат неказнети. Во колку луѓето имаат поголеми сознанија за Божјата волја, поголем е и нивниот грев ако ја занемаруваат.

Израелците ги снашла најголема несреќа што можела да се случи. Божјиот ковчег на заветот бил заробен и се наоѓал во рацете на непријателот. Славата навистина го напуштила Израел кога симболот на присуството и моќта на Јехова исчезнал од нивната средина. За тој свет ковчег биле врзани најчудесни откровенија на Божјата вистина и сила. Во поранешните времиња, секогаш кога би

се појавил ковчегот, добивани се сјајни победи. Ковчегот се наоѓал во сенката на крилјата на златните херувими, а неискажливата слава на Божјето присуство, видливиот симбол на возвишениот Бог, почивала над него во светињата над светињите. Но овојпат ковчегот не донел победа. Во оваа пригода ковчегот не се покажал како заштита и поради тоа во цел Израел завладеала голема жалост.

Тие не увидувале дека нивната вера била само на зборови и дека немала сила да допре до Бога. Божјиот закон, кој се наоѓал во ковчегот на заветот, бил исто така еден од знаците на неговото присуство; но тие ги презреле неговите заповеди и ги занемариле неговите барања и така го ожалостиле и го оддалечиле од себе Божјиот Дух. Додека народот ги слушал Божјите свети прописи, Господ бил со нив и дејствувал за нив со својата бесконечна сила. Меѓутоа, кога тие почнале да гледаат во ковчегот, не поврзувајќи го со Господа и не укажувајќи почит кон неговата откриена волја, ковчегот не можел да им помогне и не вредел повеќе од обичен сандак. За нив ковчегот на заветот бил исто што и идолите за многубошците, како тој сам по себе да имал моќ да спаси. Тие го престапувале законот што се наоѓал во него, зашто обожавањето на ковчегот водело кон формализам, кон лицемерство и идолопоклонство. Нивниот грев ги одвоил од Бога и Тој не можел да им подари победа сè додека не се покаат и не се откажат од неправдата.

Не било доволно што ковчегот на заветот и Светилиштето биле среде Израел. Свештениците принесувале жртва и народот се нарекувал Божји народ, Божји деца, но ни тоа не било доволно. Бог не се осврнува на молбите на оние што негуваат зло во срцето, зашто стои напишано: „На тој којшто кон законот се оглушува, ни молитвите не му се примаат“ (Мудри изреки 28,9).

585 Кога војската тргнала во борба, Илија, бидејќи бил стар и слеп, останал во Силом. Крајот на судирот го очекувал со жални наслутувања. „Неговото срце беше полно со страв за Господовиот ковчег.“ Со денови седел пред вратата на Светилиштето и со страв чекал да дојде некој од бојното поле и да каже што се случило.

Најпосле со брзи чекори по патот што водел во градот наишол еден од синовите Венијаминови на кого „облеката му беше испокината и главата во прав“. И не го забележал старецот кога патем поминал крај него и се втрчал во градот на љубопитното мноштво да му ги објави поразот и загубата.

Пискотите и лелеците допреле и до ушите на старецот пред Светилиштето. Му го довеле гласникот кој му рекол на Илија: „Израел побегна пред Филистејците, голем пораз стана во народот, и двајцата твои синови, Офние и Финес, загинаа.“ Иако била страшна, Илија ја поднел оваа вест зашто ја очекувал. Меѓутоа,

кога весникот додал: „И ковчегот Божји е запленет“, на неговото лице се појавил изглед на неопишана тага и болка. Помислата дека тој со својот грев толку го срамотел Бога и го навел да го повлече своето присуство од Израел, претставувала повеќе отколку што тој можел да издржи. Силата го предала па „тој падна ... го скрши вратот и умре“.

Жената на Финеса, без оглед на безбожноста на својот маж, го страхопочитувала Господа. Нејзината смрт била предизвикана од загубата на свекорот и мажот, но најмногу од страшната вест дека е заробен ковчегот на заветот. Сфатила дека за Израел пропаднала и последната надеж, па своето дете што се родило во тој несреќен час го нарекла Ихавод - „Отиде славата“. Издивнувајќи, ги повторила зборовите: „Си отиде славата Господова од Израел, зашто е запленет ковчегот Божји.“

Но Господ не го напуштил потполно својот народ ниту долго го поднесувал ликувањето на неговиот непријател. Тој се послужил со Филистејците како со средство да го казни Израел, но потоа се послужил со ковчегот на заветот да ги казни Филистејците. Во поранешните времиња ковчегот го придружувало Божје присуство, подарувајќи му моќ и слава на неговиот послушен народ. Таа невидлива сила и понатаму го придружувала ковчегот со цел на престапниците на неговиот свет закон да им донесе страв и пропаст. Господ често се служи и со своите најогорчени непријатели да го казни неверството на народот кој тврди дека е негов. Безбожниците можеле извесно време да ликуваат гледајќи како Израелците страдаат, но ќе дојде време кога и тие ќе ја почувству- 586
ваат казната на светиот Бог кој го мрази гревот. Секаде каде што владее безбожност, бргу и сигурно ќе дојде и Божја казна.

Ликувајќи, Филистејците ковчегот на заветот го однеле во еден од своите пет главни градови, Азот, и го поставиле во светилиштето на својот бог Дагон. Замислувале дека сега ним им припаѓа силата што го придружувала ковчегот на заветот и дека тие ќе станат непобедливи кога таа сила ќе се соедини со силата на нивниот бог Дагон. Но, следниот ден, кога влегле во храмот, ги вчудовидела сцената што ја виделе таму. Кипот на богот Дагон паднал пред ковчегот на заветот со лицето свртено кон земјата. Нивните свештеници со страхопочит го подигнале идолот и го поставиле на неговото место. Но следното утро повторно го нашле како лежи на истото место, чудесно осакатен. Горниот дел на тој идол носел лик на човек, а долниот потсетувал на риба. Овојпат отпаднале сите делови што потсетувале на човек, а останал само оној што наликувал на риба. И народот и свештениците ги обзел ужас; тој таинствен настан го сметале како предзнак на пропаст

на нивните идоли и на самите нив пред силата на израелскиот Бог. Затоа ковчегот на заветот го изнеле од својот храм и го ставиле во посебна зграда.

Тогаш меѓу жителите на Азот завладеала тешка и опасна зараза. Спомнувајќи си за поразиите што морале да ги поднесуваат Египќаните во вид на казни од страна на израелскиот Бог, тврделе дека таа зараза потекнува од присуството на ковчегот на заветот во нивната средина. Поради тоа решиле да го однесат во Гат. Но заразата се проширила и таму, па ковчегот го понеле понатаму - во Акарон. Тука народот го пречекал со страв викајќи: „Го донесоа кај нас ковчегот на Израеловиот Бог за да нè уништи нас и нашиот народ.“ И тие им се обратиле на своите богови за заштита, како што го сториле тоа пред нив и жителите на Азот и Гат. Меѓутоа, злото и натаму се ширело „така што викотот во градот се дигаше до небо“. Бидејќи се плашеле ковчегот да го држат во населени места меѓу народот, го однеле на отворено поле. При тоа уследила наезда на глувци кои го уништиле сиот посев како во амбарите и кошевите така и на полињата. И тогаш на народот му се заканила целосна пропаст од глад и болести.

Ковчегот на заветот седум месеци останал меѓу Филистејците, а Израелците за тое време не презеле ништо за да го вратат назад.
587 Меѓутоа, Филистејците сега исто така топло сакале да се ослободат од него како и некогаш што сакале да го присвојат. Наместо да им биде извор на сила, им станал голем товар и тешко проклетство. Просто не знаеле што да прават, зашто каде и да го пренеле, секаде ги снаоѓала Божја казна. Затоа народот им се обратил на старешините, на свештениците и вражарите со прашање: „Што да правиме со ковчегот Господов? Поучете нè како да го вратиме на неговото место?“ Добиле совет, кога ќе го враќаат, да пратат и принос за грев. „Тогаш ќе се излекувате и ќе дознаете поради што не отстапува од вас неговата рака.“ За да запрат и да отстранат некаква зараза, меѓу незнабошците владеел стар обичај - од злато, сребро или некој друг материјал да направат лик на причинителот на злото или на оној дел од телото што најмногу бил погоден. Тогаш тоа би го закачиле на некаков столб или на некое друго видно место и верувале дека тоа е сигурна заштита од злото што ги снашло. И денеска постојат слични обичаи меѓу незнабожечките народи. Кога некој страда од некаква болест, тој оди во храмот на својот идол таму да најде лек за себе, и со себе носи лик на заболениот дел на телото и му го принесува на богот на жртва.

Во сообразност со општо распространетото суеверие, филистејските старешини му советувале на народот да направи сликовита претстава на напастите од кои страдале - „Според бројот на

филистејските кнезови - пет златни пликови и пет златни глувци, зашто иста неволја имате и вие и вашите кнезови.“

Тие мудри луѓе увидувале дека ковчегот на заветот го придружува таинствена сила - сила на која нивната мудрост не можела да ѝ се противстави. Па сепак, не го посоветувале својот народ да го отфрли идолопоклонството и да му служи на Бога. Сѐ уште го мразеле израелскиот Бог иако биле присилени да му се потчинат на неговиот авторитет поради неговите силни казни. На тој начин грешниците, соочени со Божјите казни, можат да се осведочат дека е напразно да се борат против него. Колку и да ѝ се опираат во своето срце на Божјата власт, сепак, тие ќе бидат присилени да ѝ се потчинат на неговата сила. Но таквото потчинување не може да го спаси грешникот. Срцето мора да му се предаде на Бога и со Божја милост мора да стане покорно; тоа е услов Бог да го прифати човековото покајание.

Колку е големо Божјето трпение кон безбожниците! Безбожните Филистејци и отпаднатите Израелци еднакво ги уживале даровите на неговото провидение. Десетина илјади незабележани 588
ветувања на милоста паѓале без глас на патеката на неблагодарните и бунтовно расположени луѓе. Секој благослов им зборувал за Дарителот, но тие биле рамнодушни кон неговата љубов. Божјето трпение кон човечките синови било мошне големо; но, кога тие тврдоглаво биле упорни во своето непокајание, Тој ги лишувал од натамошната заштита. Тие одбивале да го чујат Божјиот глас во делата на неговото создавање, во опомените, во советите и упатствата на неговата Реч, па затоа бил присилен да им зборува преку казни.

Меѓу Филистејците имало и такви кои не се согласувале ковчегот на заветот да се врати во својата земја. Таквото признание на моќта на израелскиот Бог било понижувачко за гордите Филистејци. Но „свештениците и вражарите“ го советувале народот да не ја следи тврдоглавоста на фараонот и Египќаните и на себе да навлече уште поголеми зла. Затоа е направен план со кој веднаш сите се согласиле и кој веднаш е изведен. Ковчегот на заветот, заедно со златните жртви за престапот, ги ставиле на нова кола. А за да се одбегне секоја можност за какво било сквернавење, во колата биле впрегнати две крави на чијшто врат никогаш до тогаш не бил ставен јарем. Нивните телиња ги задржале дома, а кравите ги пуштиле слободно да одат каде што сакаат. Ако на тој начин ковчегот на заветот се врати во Вет-Семес, блиско гратче на Левитите, тогаш Филистејците тоа ќе го сметаат како доказ дека сето зло дошло од израелскиот Бог. „Ако пак не, ќе знаеме дека не нѐ поразила неговата рака, туку тоа станало со нас случајно.“

Штом кравите доилки се пуштени, тие ги оставиле своите телиња и се упатиле мукајќи право кон Вет-Семес. Иако не ги водела човечка рака, стрпливите животни оделе право по својот пат. Колата ја придружувало Божје присуство и ја водело со сигурна рака кон одреденото место.

Во тоа време жителите на градот Вет-Семес биле на полињата и жнееле пченица. „И тие погледнаа па го видоа ковчегот Господов и се зарадуваа поради тоа што го видоа. А колата дојде на нивата на Ветсемиецот Исус и таму се запре. Таму имаше голем камен па исцепија дрва од колата, а кравите ги принесоа на Господа на жртва.“ Филистејските кнезови, кои ја придружувале колата „до ветсемеските меѓи“, и виделе како е примена колата, се вратиле
589 дома. Заразата престанала, па тие се увериле дека таа несреќа им била казна од страна на израелскиот Бог.

Жителите на Вет-Семес бргу ја пренеле веста дека ковчегот на заветот е во нивни раце па многу народ од целата таа околина се собрал да го поздрави неговото враќање. Ковчегот на заветот бил поставен на каменот кој првобитно им служел како жртвеник, па пред ковчегот му принеле уште жртви на Господа. Кога сите што принесувале жртва и би се покајале за своите гревови, нив би ги придружувал Божји благослов. Но тие не им се покорувале верно на неговите закони. Се радувале што ковчегот на заветот е вратен и во тоа виделе добар знак, но не ја сфатиле исправно неговата светост. Наместо веднаш да направат место што би одговарало за ковчегот, тие го оставиле да стои во полето. Разгледувајќи го љубопитно светиот ковчег, зборувале за чудесниот начин на кој се вратил и почнале да нагаѓаат каде лежи неговата толку голема моќ. Најпосле љубопитството ги обзело во толкава мера, што се осмелиле да го симнат поклопецот и да загледаат во ковчегот.

Цел Израел бил поучен со страхопочит да пристапува кон ковчегот. Кога би добиле наредба да го пренесат од едно на друго место, Левитите не смееле да загледуваат во него. Само на првосвештеникот му било дозволено еднаш годишно да погледне во Божјиот ковчег на заветот. Дури ни незнабожечките Филистејци не се осмелиле да го подигнат неговиот поклопец. Небесните ангели постојано го придружувале на сите негови патувања. Дрското непочитување на жителите на Вет-Семес било веднаш казнето. Мнозина веднаш изумреле.

И по таа казна преживеаните не сметале дека е потребно да се покаат за својот грев; едноставно од тогаш тие ковчегот на заветот го гледале повеќе со суеверен страв. Жителите на Вет-Семес сакале по секоја цена да се ослободат од ковчегот, но немале храброст да го пренесат. Затоа пратиле весници до жителите на градот

Киријат-Јарим и ги повикале да дојдат и да го однесат ковчегот. Жителите на ова место го поздравиле ковчегот со голема радост. Тие знаеле дека тоа е залог на Божјата милост за послушните и верните. Исполнети со света радост, го донеле во својот град и го поставиле во куќата на Левитот Авинадав. Овој човек го одредил својот син Елеазар да го чува, и ковчегот останал тука многу години.

Откако Господ првпат му се открил на синот на Ана, цел народ признавал дека Самоил е одреден за пророчка служба. Со тоа што Божјата опомена верно му ја пренел на домот на Илија, иако таа
должност била тешка и мачна, Самоил ја докажал својата верност 590
како весник на Јехова: „И Господ беше со него; и не остана ниту еден негов збор неисполнет. И сиот Израел, од Дан дури до Вирсавеја, дозна дека Самоил е верен пророк Господов."

Бидејќи Израелците како нација и понатаму останале во состојба на неверство и идолопоклонство, биле казнети така што им останале потчинети на Филистејците. Во тоа време Самоил ги обиколувал градовите и селата низ цела земја трудејќи се срцата на народот да ги обрати кон Бога на нивните татковци, и неговите напори не останале без успех. По дваесет години робување, „сиот Израелов дом плачеше за Господа". Самоил ги советувал: „Ако со сето срце се враќате кај Господа, отстранете ги од својата средина туѓите богови и боговите од горичките, расположете го своето срце кон Господа и нему единствено служете му." Од овие зборови гледаме дека Самоил го учел народот на практична побожност и на религија на срцето токму онака како што го правел тоа и Христос кога бил на земјата. Надворешните верски форми за стариот Израел немале никаква вредност сè додека не ја примиле Христовата милост. И денеска тие, без Христова милост, се исто толку безвредни за современиот Израел.

И денеска е потребно едно такво оживување на вистинската вера во срцето какво што искусиле старите Израелци. Каењето е прв чекор што мора да го сторат сите кои сакаат да се вратат кај Бога. Тоа дело никој не може да го стори за друг, туку секој за себе. Секој од нас мора сам своето срце да го понизи пред Бога и да ги отфрли идолите. Кога ќе сториме сè што можеме, тогаш Господ ќе ни го покаже своето спасение.

Во соработка со племенските старешини, во Миспа е одржан голем народен собир, а одржан е и свечен пост. Народот во длабока понизност ги признал гревовите и во знак на решеност дека верно ќе ги исполнуваат упатствата што ги чуле, Израелците го избрале Самоила за судија.

Филистејците мислеле дека на овој собир се одржува воен совет, па се упатиле со голема војска да ги растераат Израелците

пред да се остварат нивните планови. Веста за приближување на непријателот предизвикала голем страв кај Израелците.

Филистејците пристигнале токму во мигот кога Самоил приготвувал да принесе јагне на жртва. Тогаш Оној што слегол на Синајската гора во облак од оган, дим и грмежи, кој пред Изра-
591 елците го разделил Црвеното Море, и кој низ Јордан им отворил пат, повторно ја покажал својата моќ. Врз воинствените чети се урнала страшна луња и земјата била покриена со лешеви на силните воини.

Растреперени од страв и надеж, Израелците стоеле неми и со страхопочит. Кога го виделе поразот на своите непријатели, знаеле дека Бог го прифатил нивното покајание. Иако не биле подготвени за борба, го грабнале оружјето на убиените Филистејци и ги гонеле сѐ до Вет-Хар. Оваа прекрасна победа била извојувана на истото боиште каде што дваесет години пред тоа Филистејците ги победиле Израелците и им го заробиле Божјиот ковчег на заветот. Како за народите, така и за поединците, послушноста кон Бога значи сигурност и среќа, додека престапот на неговите закони води во несреќа и пораз. Филистејците во оваа пригода биле така разбиени, што им ги предале на Израелците сите свои тврдини и многу години се воздржувале од секакво непријателство кон нив. И другите народи го следеле примерот на Филистејците, па Израелците долго уживале мир сѐ додека Самоил бил судија.

За да не се заборави тој настан, Самоил поставил меѓу Миспа и Сен еден голем камен за спомен. Го нарекол Евен-Езер, „Камен помошник“ и, обраќајќи му се на народот, рекол: „Довде Господ ни помогна!“

58

# ПРОРОЧКИ ШКОЛИ

Со образованието на Израелците управувал лично Бог. Неговата грижа не се ограничувала само на областа на религијата; сѐ што било во врска со нивното духовно и телесно блаженство станувало предмет на грижа на Божјето провидение и било опфатено со закон.

Бог им заповедал на Израелците своите деца да ги поучат на сите негови заповеди и да ги запознаат како Тој постапувал со нивните татковци. Тоа била посебна должност на сите родители - должност што не можела да се префрли врз некој друг. Наместо децата да ги воспитуваат туѓи луѓе, мајката и таткото требало на своите деца да им дадат упатства со срце полно со љубов. Сите настани на секојдневниот живот морале да бидат поврзани со мислите за Бога. Силните Божји дела при избавувањето на неговиот народ и ветувањата за идниот Спасител често требало да се повторуваат во семејниот круг, а употребата на сликите и симболите придонесувала поуките што подобро да се задржат во сеќавањето. Во срцата на младите длабоко биле врежувани вистините за Божјето провидение и за идниот живот. Поучувани се дека Бог треба да се види и во природата и во зборовите на неговото откровение. Ѕвездите на небото, дрвјата и цвеќето во полето, високите планини и потоците што жуберкаат - сето тоа зборувало за Творецот. Свеченото принесување на жртви, богослужението во Светилиштето и зборовите на пророците претставувале Божје откровение.

Така е воспитуван Мојсеј во скромната куќичка на своите родители, така и верната Ана го одгледала Самоила. Така бил воспитуван Давид во својот планински роден крај во Витлеем, така и Даниел, пред да биде оттргнат од домот на своите татковци со паѓањето во ропство. Таква била Христовата младост во Назарет, така е одгледуван и малечкиот Тимотеј, кој вистините на Светото писмо ги примил од усните на својата баба Лоида и мајка Евникија (2. Тимотеј 1,5; 3,15).

Грижата за воспитување на младите се гледала и во тоа што 593
биле воспоставени пророчки школи. Во нив се примани момчиња

кои сакале подлабоко да ги истражуваат вистините на Божјата реч и кои копнееле за мудрост озгора за да можат да станат учители во Израел. Пророчките школи ги основал Самоил да служат како брана од широко распространетата расипаност, да обезбедуваат морална и духовна благосостојба на младината и идна среќа на нацијата, на тој начин што ќе подига луѓе кои ќе бидат способни во Божји страв да го водат и да го советуваат народот. За таа цел Самоил собрал многу млади луѓе кои биле побожни, умни и желни за наука. Ги викале пророчки синови. Заедницата со Бога и проучувањето на неговата Реч придонесувале кон нивните природни дарби да се придружи и небесна мудрост. Учителите биле луѓе не само добро запознати со Божјата вистина, туку луѓе кои и самите оствариле заедница со Бога и примиле посебен дар од неговиот Дух. Нив народот ги почитувал и им верувал како порадиученоста така и поради нивната побожност.

Во времето на Самоил постоеле две такви школи, една во Рама, во родното место на пророкот, а друга во Киријат-Јарим, каде што во тоа време се наоѓал ковчегот на заветот. Подоцна се основани и други школи.

Сите ученици на тие установи се издржувале со сопствен труд, обработувајќи земја или работејќи некаков занает. Во Израел тоа не се сметало за нешто чудно или понижувачко; напротив, се сметало за злосторство ако децата пораснат а не се упатат во полезни работи. По Божја наредба секое дете морало да научи некој занает, дури и ако било приготвувано за света служба. И многу вероучители се издржувале со рачна работа. Дури и подоцна, во времето на апостолите, Павле и Акила не биле помалку почитувани затоа што заработувале за животот изработувајќи шатори.

Главни предмети што се изучувале во тие школи биле Божјиот закон, со упатствата дадени преку Мојсеја, потоа светата историја, музика и поезија. Начинот на изведување на наставата во тоа време многу се разликувал од наставата во денешните теолошки школи од кои мнозина излегуваат со поскудно познавање на Бога и на верските вистини во споредба со она познавање што го имале
594 пред да стапат во школата. Во школите во тоа време главна цел на проучувањето била да се запознае Божјата волја и должностите на човекот кон Бога. Во извештаите на светата историја можеле да се забележат трагите од чекорите на Јехова. Големите вистини се објаснувани со помош на симболи, а верата помагала да се сфати главниот предмет на целиот систем - Божјето Јагне кое ќе ги земе на себе гревовите на светот.

Особено е негуван дух на молитва. Учениците учеле не само за тоа дека молитвата е должност, туку и како да се молат, како

да му се приближат на својот Творец, како да ја одржуваат верата во него и како да ги разберат и да ги послушаат упатствата на неговиот Дух. Со посветен ум од Божјата ризница извлекувале и стари и нови вистини, а Божјиот Дух се откривал во пророштвата и во светите песни.

Музиката требало да ѝ служи на својата цел, да ги издигне мислите на сите кон сѐ што е чисто, свето и возвишено, да разбуди во душата благодарност кон Бога и да поттикнува побожност. Каква разлика меѓу старите обичаи и она за што денеска музиката толку често се користи! Колку многу има такви кои со тој дар се служат за да се издигнат себеси, наместо да го прославуваат Бога! Љубовта кон музиката ги наведува непромислените да се соединат со љубителите на светот на заедничките забави кои Бог ги забранил за своите деца. Така она што претставува голем благослов, ако правилно се употреби, може да стане успешно средство со кое сатаната се служи да ги одврати мислите од должноста и од вечниот живот.

Музиката е составен дел на Божјата служба на небото и ние мораме да настојуваме во нашите пофални песни колку што е можно повеќе да се приближиме до хармонијата на небесните хорови. Правилното вежбање на гласот е мошне важно при воспитувањето и не смее да се занемари. Пеењето, како дел на богослужението, е исто толку важно колку и самата молитва. Срцето мора да го почувствува духот на песната за да може да ѝ даде вистински израз.

Огромна е разликата меѓу школите во кои настава одржувале Божји пророци и нашите денешни просветни установи! Колку малку има школи во кои не се применуваат начелата и обичаите на овој свет! Жално е колку во тие школи недостига исправно зауздување и разумна дисциплина. Непознавањето на Божјата реч во таканаречениот христијански свет е повеќе отколку загрижувачко. Местото на наставата за моралот и верата го заземаат површни разговори и вистинска сентименталност. Денеска во срцата на младите не се *595*
врежува мислата за Божјата правда и милосрдие, за убавината на светоста, за сигурната награда за правдата, за гнасниот карактер на гревот и за неговите неминовни страшни последици. Лошото друштво ја води младината кон злосторство, распуштеност и изопаченост.

Зар во школите на старите Евреи нема многу нешта што и денешните воспитувачи со успех би можеле да ги применуваат? Оној што го создал човекот се погрижил за развојот на неговото тело, дух и душа. Оттаму, вистинскиот успех при воспитувањето зависи од тоа дали луѓето верно ќе го исполнуваат планот на својот Творец.

Вистинска цел на воспитувањето е во човековата душа да се обнови Божјиот лик. Во почетокот Бог го создал човекот според својот лик. Го надарил со благородни особини. Разумот му бил урамнотежен и сите сили на неговото суштество биле хармонично развиени. Но, паѓањето во грев и последиците на гревот ги изопачиле тие дарови. Гревот го извалкал Божјиот лик во човекот и речиси наполно го уништил. А за повторно да се воспостави тој лик, направен е план на спасение и на човекот му е подарено време на милост. Човекот повторно да се врати на оној степен на совршенство на кој се наоѓал при создавањето, тоа е големата цел на животот - цел што се наоѓа во основата на сите други цели. Должност на родителите и учителите е при воспитувањето на младите да соработуваат со Бога исполнувајќи ги неговите намери; ако постапуваат така, тогаш тие се „помошници на Бога“ (1. Коринќаните 3,9).

Сите различни способности на телото, духот и душата што ги добил човекот од Бога, треба да се искористат на начин на кој ќе се постигне највисок степен на совршенство. Меѓутоа, себичното и еднострано образование не може да претставува совршенство; зашто Божјиот карактер, чијшто лик сакаме да го усвоиме, е добрина и љубов. Секоја способност и секоја особина со која нè надарил Творецот треба да се употребат за прославување на Бога и за издигнување на нашите ближни. А во таквата работа ќе најдеме најчиста и најблагородна радост и среќа.

Кога на тоа начело би му се посветило поголемо внимание, какво што заслужува според својата важност, тогаш во сите начела на воспитувањето би настанала коренита промена. Наместо да поттикнуваат горделивост, себична амбиција и натпреварувачки дух, учителите би се труделе да разбудат љубов кон доброто, кон вистината и внатрешната убавина - би се труделе да создадат копнеж кон совршенство. Тогаш ученикот би се стремел кај себе
596 да ги развие Божјите дарови не со цел да ги надмине другите, туку да ги исполни намерите на Творецот и да стане сличен со него.

„Страхопочитта кон Господа е прв чекор кон мудроста, и секое длабоко познавање произлегува од познавањето на светиот Бог“ (Мудри изреки 9,10). Големиот животен закон се состои од изградување на карактерот, а сознанието за Бога е основа на секое вистинско воспитување. Цел на учителот треба да биде да го пренесе тоа сознание врз ученикот и да помогне со него да се сообрази и карактерот. Божјиот закон е отсјај на неговиот карактер. Затоа псалмистот и кажува: „Сите твои заповеди се праведни“ и „од твоите заповеди станав разумен“ (Псалм 119,172.104). Бог ни се открил во својата Реч и во делата на создавањето. Знаење за Бога треба да стекнеме од вдахновената Книга а и од книгата на природата.

Нашиот дух е подложен на одреден закон според кој тој постепено се прилагодува на оние работи на кои обично се задржува. Ако се занимаваме само со обични работи, тогаш духот ни се спечува и слабее. Ако никогаш не се фати во костец со потешки проблеми, по извесно време ќе ја загуби моќта да се развива. Библијата поседува воспитна сила која нема споредба. Во Божјата реч духот може да најде предмети за најдлабоки размислувања и за остварување на највозвишени стремежи. Библијата е најсигурна историја за која луѓето знаат. Таа непосредно извира од изворот на вечната вистина, а Божјата рака ја сочувала нејзината чистота во текот на вековите. Таа го осветлува далечното минато низ кое напразно сака да проникне човечкото око. Во Божјата реч наидуваме на силата што ги поставила темелите на земјата и го распрострела небото. Само тука можеме да го најдеме родословието на нашиот род неизвалкано со човечки предрасуди и гордост. Во неа се зборува за војните, победите и поразите на најголемите луѓе за кои светот кога и да е знаел. Тука се откриваат големите проблеми на должноста и на нашата судбина. Отстранета е завесата меѓу видливиот и невидливиот свет, па можеме да ја видиме борбата на спротивните сили на доброто и злото од самиот почеток кога се појавил гревот па сè до конечниот триумф на правдата и вистината; а сето тоа е само откривање на Божјиот карактер. Ако со страхопочит ги проучува вистините што се наоѓаат во неговата Реч, духот на ученикот се поврзува со духот на Оној кој нема ниту почеток ниту крај. Таквото проучување не само што ќе го усоврши 599
и ќе го облагороди карактерот, туку и ќе ги развие и ќе ги зајакне духовните сили.

Учењето на Библијата има животворно влијание врз човековата среќа во сите животни околности. Тоа ги открива начелата што се темелен камен на народната благосостојба - начелата што се поврзани со успешното напредување на општеството, што се заштита на секое семејство - начела без кои ниту еден човек не може да си обезбеди себеси во овој живот среќа, чест и полезност, ниту може да се надева на идниот вечен живот. Нема положба во животот, нема таква фаза во човечкото искуство за која библиското учење не би било најсуштествена подготовка. Кога Божјата реч би се проучувала и би се слушала, тогаш во светот би имало повеќе луѓе со силен ум отколку што би се постигнало тоа со најтемелно проучување на човечката филозофија. Божјата реч би создала луѓе со цврст карактер, со остроумно сфаќање и со здраво расудување - луѓе кои би биле на чест на Бога и благослов на светот.

Сознание за Творецот треба да се стекнува и со изучување на науките. Секоја вистинска наука всушност е толкување на Божјиот

ракопис во материјалниот свет. Науката со своите истражувања донесува уште повеќе докази за Божјата мудрост и моќ. И пишаната Реч и книгата на природата, ако правилно се сфатат, нè запознаваат со Бога, откривајќи ни некои од законите преку кои Тој дејствува.

Ученикот треба да научи да го види Бога во сè што е создадено. Учителите мора да го следат примерот на големиот Учител кој од најпознатите појави во природата извлекувал поуки и својата наука ја приспособил така за да може длабоко да проникне во срцата на неговите слушатели. Нему сè му служело како средство за поучување - и цврцорењето на птиците во сенката на гранките, и цвеќето во полето, и високите стебла, и плодната земја, и бујното жито, и неплодната пустина, и сонцето на залез, позлатувајќи го небото со своите зраци. Тој видливите дела на рацете на Творецот ги поврзувал со зборовите на животот што ги зборувал, и неговите слушатели, секогаш кога ќе ги видат тие предмети, своите мисли ги насочуваат кон поуките за вистината кои Тој ги поврзувал со нив.

Печатот на Божеството што се гледа на страниците на откровението, се забележува и на високите планини, во плодните кот-
600 лини и во широкиот и длабок океан. Сè во природата му зборува на човекот за љубовта на неговиот Творец. Тој нè поврзал со себе со безбројни знаци на небото и на земјата. Овој свет не е само болка и јад. „Бог е љубов“ - е напишано на секоја пупка, на секој лист и тревка. Иако проклетството на гревот сторило земјата да раѓа трње и плевел, и плевелот има цвет и трнот носи ружа. Сè во природата сведочи за нежноста и татковската грижа на нашиот Бог и за неговата желба да ги усреќи своите деца. Кога заповеда или забранува, Тој тоа не го прави само за да го истакне својот авторитет, туку секогаш ја има предвид благосостојбата на своите деца. Тој никогаш од нив не бара да напуштат нешто што би можело да им биде од голема полза.

Мислењето што преовладува во многу општествени слоеви - дека верата не придонесува за здравјето и среќата во овој живот, е едно од најжалните заблуди. Светото писмо кажува: „Страхопочитта кон Господа води во живот, на човекот му носи задоволство без страв од злото“ (Мудри изреки 19,23). „Човек што си го сака животот и планира да доживее многубројни и среќни дни - нека си го варди јазикот од лоша дума и усните од лага! Одвраќај се од зло, а прави добро; барај мир и стреми се кон него“ (Псалм 34,12-14). Зборовите на мудроста се „живот за оние што ги следат - лек за целото тело“ (Мудри изреки 4,22).

Вистинската вера му помага на човекот да се сообрази со Божјите природни, морални и духовни закони. Таа учи на самосовладување, на ведрина, на умереност. Верата ја облагородува душата,

го усовршува вкусот и го посветува разумот. Верата во Божјата љубов и провидение што владее над сè што е создадено го олеснува товарот на грижите и патилата. Таа го исполнува срцето со радост и со задоволство како на човекот кој живее во најповолни околности, така и на оној во најскромни. Верата непосредно влијае врз подобрувањето на здравјето и врз должината на животот и го зголемува нашето уживање во сите негови благослови. Таа на душата ѝ отвора непресушен извор на среќа. О кога сите што не го избрале Христа би сфатиле дека она што им го нуди Тој е далеку подобро од она за што копнеат! Најголема неправда и штета човекот ѝ нанесува на својата душа ако во мислите и со делата му се противи на Бога. Вистинска радост никогаш не може да се најде на патеката што ја забранил Оној кој знае што е најдобро и кој се грижи за благосостојбата на сите созданија. Патот на престапот води во беда и пропаст, но патиштата на мудроста се „мили патишта и сите нејзини патеки се мирни“ (Мудри изреки 3,17).

Физичкото воспитување, применувано во тие еврејски школи 601
може, исто како и верското, и денеска да биде од полза. За жал, вредноста на тоа воспитување малку се цени. Меѓу душата и телото постои тесна врска и, за да постигнеме големо морално и духовно совршенство, мораме да ги почитуваме и законите кои управуваат со физичкото битие. За да се изгради силен и хармоничен карактер, мора да се вежбаат и да се развиваат како духовните така и физичките сили. Зар за младите може да има нешто поважно од проучувањето на нашиот чудесен организам што ни го дал Бог и на законите кои ни помагаат да го одржиме во добро здравје?

Денеска, како и во времето на стариот Израел, секој младич треба да биде поучен на должностите на практичниот живот. Секој би требало да научи некаков занает со кој, во случај на неволја, би можел себеси да си ги обезбеди животните потреби. Ова е важно не само како заштита од животните тешкотии, туку и поради влијанието што ја има работата врз физичкиот, духовниот и моралниот развој. Дури и кога би постоела извесност дека некому никогаш нема да му биде потребно да се издржува со рачна работа, сепак треба да научи да работи. Без физичка работа никој не може да има силна телесна конструкција и добро здравје, а секакво настојување човекот редовно да се занимава со некоја работа е исто толку важно за стекнување на силен, жив дух и благороден карактер.

Секој што учи треба еден дел од денот да посвети на телесна работа. Така младите ќе навикнат да бидат вредни и ќе стекнат самоувереност, а во исто време ќе бидат сочувани од многу понижувачки навики што човекот обично ги стекнува со безделничењето. А сето тоа е во сообразност со првобитната цел на воспитувањето;

со тоа што поттикнуваме кон трудољубивост, марливост и чистота, стапуваме во хармонија со нашиот Творец.

Младите нека сфатат зошто се создадени - да го слават Бога и да им служат на своите ближни на благослов. Нека ја почувствуваат нежната љубов што ја негува кон нив небесниот Отец и нека го сфатат возвишениот позив за кој ги приготвува школата на овој живот, достоинството и честа што ќе станат Божји деца - и илјадници со презир и гнасење ќе ги напуштат ниските и себични стремежи и суетните уживања со кои се занесувале до тогаш. Тие ќе научат да го мразат гревот и истиот да го заобиколуваат не замо
602 заради награда или од страв од казна, туку затоа што се свесни за самата нискост на гревот - затоа што гревот им ги уништува од Бога дадените сили и го валка Божјиот лик во човекот.

Бог не им забранува на младите секој стремеж. Не е Божја намера да ги искорени оние особини на карактерот кои на човекот му прават чест во негово друштво, а тоа се неодоливиот стремеж кон поголемо добро, цврстата волја, ревносниот труд и неуморната истрајност. Со Божја милост тие особини треба да бидат насочени кон предметите што се толку повозвишени од себичните и привремени интереси, колку што е небото повисоко од земјата. А воспитувањето, почнато во овој живот, ќе продолжи и во идниот. Од ден на ден пред човекот во нова убавина ќе се откриваат прекрасните Божји дела, доказите на неговата мудрост и моќта што се забележува во создавањето и во одржувањето на вселената, недосегливата тајна на мудроста и љубовта во планот на спасението. „Но како што е напишано: ’Што око не виде, уво не чу, ниту на човекот на ум му падна, тоа Бог им го приготви на оние што го сакаат‘“ (1. Коринќаните 2,9). Уште во овој живот можеме да го насетиме и неговото присуство и да ја вкусиме радоста што ја носи заедницата со Небото. Меѓутоа, полнина на радоста на благословите може да се постигне дури во оној подобар живот. Само вечноста може да ја открие славата што може да ја добие човекот кај кого повторно е обновен Божјиот лик.

59

# ПРВИОТ ИЗРАЕЛСКИ ЦАР

*Оваа ̄глава е заснована на 1. Самоилова 8 - 12 ̄глава*

Властите во Израел со земјата управувале во Божје име и со негово овластување. Задача на Мојсеја, на седумдесеттемина старешини, на кнезовите и судиите била да ги спроведуваат во живот законите што им ги дал Бог. Тие немале право на нацијата да ѝ бидат законодавци. Тоа бил и останал услов за опстановката на Израел како нација. Повремено Бог праќал инспирирани луѓе да го упатат народот како да ги применува неговите закони.

Господ предвидувал дека Израелците ќе бараат цар, но не се согласил ниту со каква и да е измена на основните начела врз кои била заснована државата. Царот требало да биде застапник на Севишниот. Бог морал да биде признат како глава на народот, а неговиот закон како највисок закон на земјата.

Во почетокот, кога се настаниле во Ханан, Израелците ги признавале основните начела на Божјето владеење и нацијата напредувала под управа на Исуса Навина. Меѓутоа, со порастот на населението и со контактите со другите народи, настанале промени. Народот прифатил многу обичаи од своите незнабожечки соседи и во голема мера го жртвувал своето посебно свето, обележје. Постепено народот ја губел страхопочитта кон Бога и престанувал да ја цени честа што му припаѓала како на избран народ. Привлечени со сјајот и раскошот на незнабожечките владетели, се умориле од сопствената едноставност. Меѓу племињата се појавила љубомора и завист. Внатрешните несогласија ги слабееле; постојано биле изложувани на упади од страна на незнабожечките непријатели, па народот дошол до заклучок дека племињата мора да се обединат под силна централистичка управа за Израел да се одржи меѓу незнабошците. И колку повеќе отстапувале од послушноста кон Божјиот закон, сѐ повеќе растела и желбата да се ослободат од владеењето на својот божествен Властодржец; и така меѓу Израелците сѐ повеќе се ширела идејата за основање на монархија.

Од времето на Исуса Навина, никогаш толку успешно и мудро не се владеело како под водство на Самоил. Бог му доделил долж-
604 ност на судија, пророк и свештеник, и тој неуморно и несебично работел за добро на својот народ; под негова мудра управа народот навистина напредувал во секој поглед. Повторно бил воспоставен ред, духовноста се зголемила, а духот на незадоволство бил потиснат за извесно време.

Но кога остарел, пророкот бил присилен грижите околу владеењето да ги подели со други, па ги определил своите два сина за помошници. Додека Самоил и понатаму ја вршел својата должност во Рама, синовите ги пратил во Вирсавеја, на јужната граница на земјата, каде што требало да делат правда.

Самоил имал целосна согласност од народот кога на своите синови им ја определил оваа должност, но тие се покажале недостојни за изборот што го извршил нивниот татко. Господ преку Мојсеја дал посебни упатства според кои судиите требало праведно да судат, праведно да постапуваат со вдовиците и со сирачињата и да не примаат мито. Но синовите на Самоил „се дадоа на богатење, примаа мито и ја извртуваа правдата“ (1. Самоилова 8,3). Синовите на пророкот не обрнувале внимание на прописите што тој настојувал да им ги врежe во душата. Тие не го зеле за пример чистиот и несебичен живот на својот татко. Опомената што му била дадена на Илија не влијаела врз Самоил онака како што би требало. И тој во извесна мера бил попустлив кон своите синови па последиците бргу се покажале во нивниот карактер и живот.

Неправедноста на тие судии предизвикала големо незадоволство и оправдан стремеж кај народот за промена која веќе одамна потајно се јавувала. „Тогаш се собраа сите израелски старешини и дојдоа кај Самоил во Рама и му рекоа: ’Ете, ти си стар, а твоите синови не го следат твојот пат. Затоа постави ни цар да ни суди, како што е обичај кај сите народи.’“ На Самоил не му зборувале за случаите на злоупотреба на власта кај народот. Кога би му било познато лошото однесување на неговите синови, тој секако би ги сменил. Но старешините тоа и не го барале од него. Самоил сфатил дека вистински повод претставуваат незадоволството и гордоста и дека нивното барање е резултат на добро промислени, решителни намери. Против Самоил никој не се жалел. Сите признавале дека тој во службата бил праведен и мудар, но остарениот пророк во таа
605 молба видел прекор насочен лично против него и настојување да го отстранат него. Сепак, не ги покажал своите вистински чувства; никого не го прекорувал, туку во молитва го изнел целиот случај пред Господа и само од него барал совет.

„А Господ му рече на Самоил: ’Послушај го гласот на народот во сè што бараат од тебе, зашто не те отфрлија тебе, туку ме отфрлија мене, не сакајќи јас да царувам над нив. Така ми правеа од оној ден кога ги изведов од Египет па до денешен ден - ме оставија мене и служеа на други богови.’“ Пророкот бил укорен затоа што однесувањето на народот го примил како навреда за својата сопствена личност. Тие не покажале непочитување кон него, туку кон Бога кој на народот и му ги одредил управителите. Сите што го презираат и го отфрлаат верниот Божји слуга, го омаловажуваат не само тој човек, туку и Учителот што го поставил. Со тоа тие ги отфрлаат Божјите зборови, неговите опомени и совети, го отфрлаат неговиот авторитет.

Најголема благосостојба Израелците уживале во времето кога Јехова го признавале за свој Цар - кога законите и владеењето што ги воспоставил Тој ги сметале за повозвишени од законите на другите народи. Во врска со Божјите заповеди Мојсеј му рекол на народот: „Во тоа лежи вашата мудрост и вашиот разум пред очите на сите народи кои, кога ќе ги чујат сите тие наредби, ќе речат: Само овој народ е мудар и разумен народ“ (5. Мојсеева 4,6). Поради отстапувањето од Божјите закони, Евреите не станале народ каков што сакал Бог да станат; а потоа сето зло, што било последица на нивниот сопствен грев и лудост, ѝ го припишувале на Божјата управа. Толку многу гревот ги заслепил.

Господ преку своите пророци однапред кажал дека со Израелците ќе владеат цареви, но тоа не значело дека тој начин на владеење за нив ќе биде најдобар и во сообразност со неговата волја.

Тој му дозволил на народот сам да се определи, зашто одбиле да го послушаат неговиот совет. Осија кажува дека Бог во својот гнев им дал цар (Осија 13,11). Кога луѓето ќе посакаат да одат по пат што сами си го одбрале, не прашувајќи го Бога за совет, или наспроти неговата откриена волја, Тој често им ја исполнува желбата со цел низ горчливото искуство што го стекнуваат на тој 606
начин да ја увидат својата лудост и да се покаат за својот грев. Се покажало дека човечката гордост и човечката мудрост се опасни водачи. Сè што ќе ни посака срцето наспроти Божјата забрана, сигурно е дека побргу ќе ни служи на проклетство отколку на благослов.

Бог сакал неговиот народ само во него да гледа свој законодавец и извор на својата сила. Чувствувајќи ја својата зависност од Бога, тие постојано би му се приближувале. И тогаш би биле возвишени, облагородени и оспособени за високиот позив на одбран народ. Меѓутоа, поставувањето на човек на престолот на Израел мислите на народот би ги одвратило од Бога; повеќе би се потпи-

рале врз човечка сила, а помалку врз Божјата моќ, а грешките на нивните цареви би морале да ги наведат на грев и народот да го одвојат од Бога.

На Самоил му било наредено да ја исполни молбата на народот, но и да им укаже на Бојето незадоволство објавувајќи какви ќе бидат последиците на нивната постапка. „И Самоил му ги кажа сите Господови зборови на народот кој бараше од него цар." Тој совесно им ги изнел сите тешкотии што ги очекувале и им укажал на разликата меѓу таквата состојба на угнетеност и животот што го живееле до тогаш слободно и во благосостојба. Нивниот цар ќе го следи раскошот и сјајот на другите владетели, а за да може да оди во чекор со тоа, ќе бидат ставени тешки намети лично на нив и на нивниот имот. Нивните најдобри синови ќе ги зема да го придружуваат на коли, да му бидат коњаници и секогаш да одат пред него. Тие ќе мора да ги пополнуваат редовите на неговата војска, да ја обработуваат неговата земја, да жнеат за него и да прават оружје за него. Израелските ќерки ќе бидат земани за слугинки и готвачки во неговото домаќинство. За да го одржи својот царски двор, ќе ја земе најдобрата земја што Јехова му ја дал на народот. А од нивните слуги и од нивниот добиток ќе избере што е највредно и „ќе го употреби за себе". Освен тоа, царот ќе бара десеток од сите нивни приходи, како од заработувачката така и од плодовите на нивната земја. „И вие ќе му бидете робови" - заклучил пророкот. „Па тогаш ќе викате поради својот цар, што го избравте, но Господ тогаш нема да ве услиши." И подоцна, колку и да им се тешки наметите, не ќе можат сами да ги отфрлат кога еднаш ќе биде воспоставена монархија.

607 Меѓутоа, народот одговорил: „Не! Сакаме цар да владее над нас. Така и ние ќе бидеме како сите народи: ќе ни суди наш цар, ќе ни биде водач и ќе ги води нашите војни."

„Како сите народи!" Израелците не сфатиле дека токму таа разлика од другите народи претставувала посебно предимство и особен благослов. Бог Израелците ги изделил од сите други народи со цел од нив да создаде особено богатство. А тие, презирајќи ја и таа голема чест, барале да се изедначат со другите незнабожечки народи. И денеска кај народот кој тврди дека е Божји, постои стремеж својот живот да го прилагоди кон светските обичаи и навики. Христијаните постојано се трудат да ги следат обичаите на луѓето што му се клањаат на богот на овој свет. Мнозина тврдат дека врз безбожниците може подобро да се влијае ако човекот се соедини со нив и се прилагоди кон нивните обичаи. Меѓутоа, сите што прават така се одделуваат од изворот на својата сила. Со тоа што се спријателуваат со светот, стануваат непријатели на Бога.

За љубов на земни признанија, тие ја жртвуваат неизмерната чест што им ја укажува Бог, а која се состои од објавување на доблеста на Оној кој нè повикал да излеземе од темнината и да пристапиме кон неговото чудесно видело (1. Петрово 2,9).

Самоил со длабока жалост ги слушал зборовите на народот, но Господ му рекол: „Послушај го нивниот глас и постави им цар.“

Пророкот ја исполнил својата должност. Верно им ги изложил сите опомени, но тие ги отфрлиле. Со тешко срце го отпуштил народот, а самиот се повлекол да ја приготви големата промена во владеењето.

Чистиот живот на Самоил и неговиот несебичен самопрегор за кнезовите и свештениците, кои воделе сметка само за своите потреби, а исто така и за целата горделива израелска заедница, претставувале постојан прекор. Иако не настапувал помпезно и раскошно, неговите напори носеле Божји печат. Него го почитувал Спасителот на светот, под чиешто водство тој и владеел со еврејскиот народ. Но, на народот му здодеале неговата побожност и самопрегор; го презреле неговиот скромен авторитет и го отфрлиле заради човекот што ќе владее над нив како цар.

Во карактерот на Самоил гледаме отсјај на Христовиот лик. Чистиот живот на нашиот Спасител разгорел гнев кај сатаната. А
тој живот бил видело за светот и ја разоткривал скриената раси- 608
паност на човечкото срце. Христовата светост разбеснела диви страсти кај грешните луѓе кои се одликувале само со надворешна побожност. Христос не дошол со световно богатство и со световни почести, а сепак неговите дела сведочеле дека Тој има сила поголема од кој било земен кнез. Евреите очекувале Месија да го скрши јаремот на угнетувачите, а самите биле полни со гревовите поради кои јаремот им бил наметнат. Кога Христос би ги криел нивните гревови, а би ја фалел нивната побожност, тие би го примиле за свој цар; но не сакале да ги поднесуваат неговите бестрашни укори со кои ги жигосувал нивните пороци. Тие ја презирале убавината на карактерот во кој владееле љубов, чистота и светост, и кој не познавал омраза освен омраза кон гревот. Така било во сите времиња. Небесното видело ги осудува сите што одбиваат да одат во него. А кога ќе бидат укорени со примерот на оние што го мразат гревот, таквите лицемери стануваат орудие во рацете на сатаната за мачење и за прогонство на верните. „А и сите што сакаат да живеат побожно во Исуса Христа, ќе бидат гонети“ (2. Тимотеј 3,12).

Иако монархистичкото владеење во Израел било предвидено со пророштво, Бог сепак го задржал правото сам да им одбере цар. Евреите во толкава мера го почитувале Божјиот авторитет,

што изборот целосно му го препуштиле нему. Така е одбран Саул, синот на Кис, од племето на Венијамина.

Личните особини на идниот цар можеле да ја задоволат гордоста на срцето, која и била во основата на желбата за цар. „Немаше поубав од него меѓу синовите Израелови" (1. Самоилова 9,2). Со достоинствено и благородно држење, млад, со убава става и развиен - се чинело како да е роден да заповеда. Но, наспроти сите тие надворешни привлечности, Саул имал недостиг во повисоките критериуми што ја претставуваат вистинската мудрост. Во својата младост не научил да ги зауздува своите жестоки страсти и никогаш не ја почувствувал онаа моќ на Божјата милост што го обновува срцето.

Саул бил син на моќен и силен старешина, но сообразно со обичаите во тоа време, со својот татко извршувал скромни земјоделски должности. Еден ден, кога добитокот на татко му заталкал во планините, тој со еден слуга се упатил да го бара. Талкале три дена и ништо не нашле; а кога стигнале близу до местото Рама, каде што било родното место на Самоил, слугата предложил да го посетат пророкот и да го прашаат за загубениот добиток. „Еве, јас имам четврт шекел сребро", му рекол момокот на Саула, „да му
609 го дадам тоа на Божјиот човек за да нè упати". Во тоа време тоа бил обичај. Секогаш кога некој пристапувал кон некого повисок од себе по чин или по служба, му подарувал некаков малечок подарок во знак на внимание.

Приближувајќи се кон гратчето, сретнале група девојки кои пошле по вода па ги прашале за пророкот. Тие им кажале дека штотуку треба да почне богослужението и дека пророкот веќе дошол; требало „на горaта" да се принесе жртва, а потоа да се приреди гозба. За време на управувањето на Самоил настанале големи промени. Кога Бог првпат му се обратил, службата во Светилиштето била презирана, „на луѓето не им беше грижа за Господовиот принос" (1. Самоилова 2,17). А сега богослужение се одржувало во цела земја и народот се интересирал за верата. Бидејќи богослужение не се одржувало во Светилиштето, жртва е принесувана на други места; за таа цел се одбрани градовите во кои живееле свештениците и Левитите, каде што народот одел нешто да научи. Жртвата обично се принесувала на највисоките места во околината.

Пред влезот во градот, Саул се сретнал со Самоила. Бог му открил на Самоила дека во тоа време ќе му се претстави новоодбраниот израелски цар. А кога конечно тие двајца луѓе стоеле лице в лице еден спроти друг, Господ му рекол на Самоила: „Ете го човекот за кого ти реков. Тој ќе владее со мојот народ."

Кога Саул прашал: „Кажи ми, каде е куќата на пророкот“, Самоил одговорил: „Јас сум пророкот.“ Уверувајќи го дека загубените животни веќе се најдени, го натерал да остане и да присуствува на свеченоста, давајќи му истовремено извесни навестувања за идната висока положба. „Впрочем, на кого му припаѓа сè што е најдрагоцено во Израел? Зар не тебе и на сиот дом на твојот татко?“ Кога ги слушнал овие зборови на пророкот, срцето на слушателот затреперило. Саул веројатно го сфатил нивното значење, зашто целиот народ со жив интерес следел кој ќе биде одбран за цар. Но, во својата голема скромност, тој одговорил: „Нели сум јас ... од најмалечкото племе на Израел, и мојот дом најмалечок меѓу домовите на Венијамина? Зошто ми зборуваш така?“

Самоил ги повел придојдените до местото каде што биле собрани челниците на градот. По наредба на пророкот, на Саула му е дадено почесно место, а на гозбата му е понудено најдобро парче месо. По завршувањето на богослужението, Самоил го повел 610
Саула во својот дом и разговарал со него на терасата. Му ги изнел големите начела врз кои е засновано владеењето во Израел, обидувајќи се барем донекаде да го приготви за неговата висока положба.

Следното утро, кога Саул тргнал, и пророкот пошол со него. Кога поминале низ градот, му наредил на слугата да оди напред, а на Саула да застане и да ја прими пораката што му ја праќа Бог. „Тогаш Самоил зеде сад со масло и го излеа врз главата на Саула; потоа го бакна и рече: ’Господ те помаза за цар над својот народ Израел.’“ За да му докаже дека сето тоа го сторил врз основа на Божјиот авторитет, однапред му кажал сè што ќе се случи при враќањето дома и го уверувал дека Божјиот Дух ќе го оспособи за должноста што му претстои. „Ќе слезе врз тебе Духот Господен“, му кажал пророкот, „и ти ќе станеш друг човек. И кога ќе се исполнат тие знаци, прави сè што ќе ти дојде до рака, зашто Господ е со тебе.“

Саул го продолжил патот и му се исполнило она што му го претказал Самоил. Кога стигнал близу до границата на Венијамина, дознал дека биле најдени загубените животни. Во долината Тавор сретнал тројца луѓе кои оделе да се помолат на Бога во Ветил. Еден од нив водел три јариња да ги принесе на жртва, друг носел три леба, а третиот мев вино. Тие го поздравиле Саула како што бил обичај и му подариле два леба. Кога стигнал во своето родно место, Гаваја, сретнал група пророци кои, враќајќи се од „гората“, пееле фалејќи го Бога со музички инструменти - харфи, псалтир и тимпани. Кога Саул им се приближил, слегол врз него Божјиот Дух па и тој почнал да пророкува и да пее. Зборувал толку течно

и мудро и толку сериозно учествувал во богослужението, што неговите познати со чудење се прашувале: „Што се случи со синот на Кис? Зар и Саул е меѓу пророците?“

Кога Саул им се придружил на пророците во молитвата, во него се случила голема промена што ја предизвикал Божјиот Дух. Светлината на Божјата чистота и светост ја осветлила темнината на телесното срце. Тој се видел себеси онаков каков што бил пред Бога. Ја видел убавината на светоста. Повикан е да завојува против
611 гревот и сатаната и му било покажано дека за таа борба ќе добие сила од Бога. Планот на спасението, кој до тогаш му изгледал нејасен и неизвесен, бил откриен за неговото сфаќање. Господ му подарил храброст и мудрост за возвишениот позив што го очекувал. Му го открил Изворот на силата и милоста и му го осветлил разумот за да ги сфати Божјите барања и своите должности.

Помазанието на Саула за цар не му било објавено на народот. Божјиот избор требало да биде објавен по пат на ждрепка. Затоа Самоил го собрал сиот народ во Миспа. Прво се помолиле на Бога Тој да ги води, а потоа уследила свечена церемонија на фрлање на ждрепка. Собраниот народ во тишина го очекувал резултатот. Последователно се одредувани племето, домот и семејството и најпосле синот на Кис, Саул, како избраник. Но Саула го немало на собирот. Тој тајно се повлекол, загрижен поради одговорностите што требало да ги прифати. Народот го извел пред себе и со задоволство и гордост утврдил дека има царско држење и благородна става, „за глава повисок од сиот народ“. Претставувајќи му го на собраниот народ, и сам Самоил извикнал: „Гледате ли кого го избрал Господ? Никој не е како него во сиот народ.“ При тоа народот радосно извикнал: „Да живее царот!“

Тогаш Самоил му ги изнел на народот „царските права“ и им ги објаснил основните начела врз кои почива монархистичкото владеење и според кои ќе се управуваат. Царот не смеел да биде апсолутен господар, туку неговата моќ требало да биде потчинета на волјата на Севишниот. Тие правила биле запишани во книга во која биле изложени правата на кнезовите и предимствата на народот. Иако народот ги отфрлил опомените на Самоил, верниот пророк сепак се трудел, кога веќе бил присилен да попушти пред нивните желби, да издејствува за нив колку што било можно повеќе слобода.

Иако народот главно бил подготвен да го признае Саула за цар, сепак, една група се противставила. Зашто, да биде одбран владетел од племето на Венијамина, најмалечко од сите израелски племиња - заобиколувајќи ги двете најголеми и најсилни племиња, племето на Јуда и Ефрема - тоа значело да се биде запоставен, што тие во никој случај не можеле да го поднесат. Одбиле да покажат

лојалност кон Саула и да му донесат вообичаени дарови. Токму 612
тие кои најбучно барале цар, сега одбивале со благодарност да го прифатат човекот кој бил избран од Бога. Секоја група имала свој миленик што сакала да го постави на престолот, а и многу кнезови ја посакувале таа чест за себе. Во многу срца се разгорела завист и љубомора. Гордоста и честољубието предизвикале разочарување и незадоволство.

Саул сметал дека не е мудро да го прифати царското достоинство при такво расположение на народот. Затоа му препуштил на Самоил и понатаму да ја води управата, а тој се вратил во Гаваја. Една група негови приврзаници го испратила со сите почести. Овие луѓе во неговиот избор ја виделе Божјата промисла и биле решени да го поддржат. Но тој не се трудел со сила да го брани своето право на престолот. Во своето родно место, на висорамнините на Венијамина, и понатаму извршувал должности на обичен земјоделец, препуштајќи му на Бога да му го подигне авторитетот.

Набргу по Сауловиот избор, амонските племиња, под водство на својот цар Нас, упаднале во областа на племињата кои живееле источно од Јордан и му се закaниле на градот Јавис Галадов. Ж ителите се обиделе да постигнат мир, нудејќи им на Амонците данок. Но суровиот цар се согласувал со мир само под услов на секој жител на градот Јавис Галадов да му го ископа десното око и на тој начин да ги остави како вечен доказ на својата сила и моќ.

Тогаш луѓето во опседнатиот град molеле одлуката да се одложи за седум дена. Амонците се согласиле, надевајќи се дека тоа само ќе ја зголеми славата и победата што ја очекувале. Меѓутоа, Израелците веднаш пратиле гласници во племињата западно од Јордан и побарале помош. Така веста допрела и до Гаваја, предизвикувајќи насекаде голем страв. Враќајќи се дома со своите волови од орање, Саул го чул пискањето што навестувало голема несреќа и прашал: „Зошто народот плаче?" Кога му го повториле срамниот настан, кај него се разбудиле сите заспани сили. „Тогаш слезе врз Саула Божјиот Дух ... па ги зеде двата вола, ги пресече на парчиња и ги испрати по истите пратеници низ сите краишта Израелови, прашувајќи: 'Кој не појде по Саула, вака ќе биде со неговите говеда.'"

Во долината Везек се собрале триста и триесет илјади луѓе под Саулова команда. Веднаш пратиле пратеници во опседнатиот град со ветување дека ќе им стигне помош и тоа токму оној ден кога требало да им се предадат на Амонците. Саул со својата војска 613
ноќта со усилен марш го преминал Јордан и стигнал до Јавис „рано изутрината". Како и Гедеон, ја поделил својата војска во три групи и ги нападнал Амонците мошне рано изутрината кога, не надевајќи

се на никаква опасност, биле најмалку претпазливи. Во паниката што настанала биле потполно уништени. „А оние што останаа се распрскаа така што не останаа ниту двајца заедно.“

Брзото расудување и храброста на Саула, како и воениот талент што го покажал при водењето на толку големата војска - биле особини што ги барал израелскиот народ за да може да се мери со другите народи. Затоа сега го поздравиле како свој цар и честа за победата му ја припишувале на човечко орудие, заборавајќи дека без посебен Божји благослов сите нивни напори би биле напразни. Во одушевувањето, некои дури предлагале да се погубат сите што во почетокот се воздржале да го признаат Сауловиот авторитет. Но царот се вмешал велејќи: „Денеска да не се погуби никој, зашто денеска Господ му донесе спасение на Израел.“ Со тоа Саул посведочил дека во неговиот карактер се случила промена. Наместо честа да си ја припише себеси, тој му оддал слава на Бога. Наместо да покаже желба за одмазда, пројавил дух на милосрдие и проштавање. Тоа е недвосмислен доказ дека во срцето се наоѓа Божја милост.

Тогаш Самоил предложил во Галгал да се повика сиот народ и на Саула јавно да му се потврди царството. Тоа е сторено „и тука му принесоа жртви благодарници на Господа и тука Саул и сиот Израел се радуваа.“

Галгал било место каде што израелскиот народ го подигнал првиот логор во ветената земја. Тука Исус Навин, по Божја наредба, подигнал столб од дванаесет камења за да го овековечи чудесниот премин низ Јордан. Тука било обновено и обрезанието. Тука по гревот во Кадес и по талкањето низ пустината првпат празнувале Пасха. Тука престанала да паѓа мана од небото. Тука се открил Водачот на Господовите војски како врховен заповедник над израелската армија. Од тоа место тргнале кога го освојувале Ерихон
614 и кога го заземале Гај. Тука Ахан е казнет за својот грев, тука е склучен сојуз со Гаваонците кој на Израел му донел казна зашто не го прашале пред тоа Бога за совет. Во таа рамнина која била врзана за многу драги спомени, стоел Самоил со Саула. Кога одушевените извици пред царот стивнале, остарениот пророк го одржал својот проштален говор како водач на народот.

„Ете, јас го послушав вашиот глас во сè што ми рековте и ви поставив цар. И еве, сега царот оди пред вас, а јас остарев и побелев ... Јас одев пред вас од мојата младост па до денеска. Еве ме, одговорете ми пред Господа и пред неговиот помазаник: На кого сум му зел вол или на кого сум му зел магаре? Над кого сум извршил насилство? На кого сум му скривил? Или од чии раце

сум зел поклон за да ги затворам очите поради тоа? Кажете ми па ќе ви вратам.“

Народот едногласно одговорил: „Не си извршил врз никого насилство, ниту некому си му скривил, ниту пак си зел нешто од нечии раце.“

Самоил не се трудел да ги оправда своите постапки. Тој уште порано ги објавил начелата кон кои требало да се придржуваат и царот и народот, а сега сакал своите зборови да ги поткрепи и со сопствен пример. Уште од своето рано детство бил поврзан со Божјето дело, а во текот на целиот свој долг живот, пред себе имал само една цел - Божјата слава и благосостојбата на израелскиот народ.

Пред и најмалку да можат да се надеваат на напредок, Израелците морале да бидат наведени да се покаат пред Бога. Поради гревот тие ја загубиле верата во Бога и во неговата мудрост и сила да владее со народот - ја загубиле довербата во неговата способност да го брани своето дело. Пред да најдат вистински мир, морале да го увидат и да го признаат гревот што го сториле. Кога барале цар, изјавиле што бараат: „Да ни суди наш цар, да оди пред нас и да ги води нашите војни.“ Самоил им ја повторил историјата на израелскиот народ од денот кога Бог ги извел од Мисир. Пред нив секогаш одел Јехова, Царот над царевите, и ги водел нивните војни. Често поради своите гревови потпаѓале под власт на непријателите, но штом би се одвратиле од своите лоши патишта, Божјата милост им подигала избавители од нивните редови. Господ им ги пратил Гедеона и Варака. „И Ефтаја и Самоила и ве спаси од рацете на вашите околни непријатели, и живеевте во мир.“ Па сепак, кога 615
им се заканила опасност од Амонците, „иако“, како што рекол пророкот, „вашиот Господ Бог беше ваш цар“, тие изјавиле: „Не, туку цар нека царува над нас.“

Потоа Самоил продолжил: „А сега застанете и видете го ова големо дело што ќе го стори Господ пред вашите очи. Нели е сега пченична жетва? Јас ќе го повикам Господа и Тој ќе пушти громови и дожд за да узнаете колку е големо злото што го сторивте пред Господа барајќи цар. Тогаш Самоил запека пред Господа и Господ пушти громови и дожд тој ден.“ За време на пченичната жетва, во мај и јуни, на Исток никогаш не паѓа дожд. Небото било ведро, а воздухот потполно чист и благ. Такво жестоко време во тој период ги исполнило со страв срцата на сите присутни. Сиот скршен, народот го признал својот грев: „Моли се на својот Господ Бог за своите слуги да не изгинеме, зашто кон сите наши гревови додадовме уште еден грев, барајќи цар.“ Но Самоил не дозволил народот да остане обесхрабрен, зашто тоа би ги спречило напо-

рите за подобар живот. Сатаната би ги навел Бога да го сметаат за строг и немилосен судија, па би биле изложени на многубројни искушенија. А Бог е жалослив, проштава и секогаш е подготвен да му укаже милост на својот народ само ако тој го послуша неговиот глас. Затоа Бог му порачал на народот преку пророкот: „Не плашете се. Навистина вие го сторивте ова зло, не отстапувајте од Господа, туку служете му на Господа со сето срце. Не клањајте се веќе пред ништожни идоли кои не помагаат ниту избавуваат, зашто се ништожни. А Господ нема да го отфрли својот народ."

Самоил не зборувал ништо за своето повлекување кое на некој начин претставувало омаловажување на неговата личност. Тој не изговорил ниту збор на прекор за неблагодарноста со која израелскиот народ му возвратил за неговиот самопрегор во текот на целиот живот. Напротив, ги уверувал за својата постојана грижа за нив: „А јас, да не даде Бог да му згрешам на Господа престанувајќи да се молам и да ве упатувам на добар и чесен пат. Само бојте се од Господа и нему искрено служете му со сето срце, зашто сами гледате колку големи дела стори за вас. А ако грешите, ќе пропаднете и вие и вашиот цар."

60

# ДРСКОСТА НА САУЛА

*Оваа глава е заснована на 1. Самоилова 13 и 14 глава*

По собирот во Галгал, Саул ја распуштил војската што се собрала на негов повик за борба против Амонците. Во Михмас задржал само две илјади луѓе под свое заповедништво, а илјада луѓе му дал на својот син Јонатан во Гаваја. Тука направил голема грешка. Поради неодамнешната победа, војската била полна со храброст и надеж и кога веднаш би тргнал против другите непријатели на Израел - тоа би бил значаен потег во правец на ослободување на Израел.

Во меѓувреме, нивните воинствени соседи, Филистејците, не чекале. По поразот кај Евен-Езер, тие сè уште држеле во свои раце неколку тврдини на планините во израелската земја, а сега се зацврстиле и во самото срце на земјата. Филстејците имале многу повеќе оружје, опрема и воен материјал отколку Израелците. За сето време од своето угнетувачко владеење над Израел се обидувале да ја зголемат својата моќ и на тој начин што на Евреите им забранувале да се занимаваат со ковачки занает за да не прават оружје. По склучениот мир, Евреите морале да одат во филистејските гарнизони и таму да ги извршуваат ковачките работи кога било тоа потребно. Стремежот за удобност и духот на потчинетост, што бил последица на долгогодишното робување, сториле Израелците да пропуштат да се снабдат со убојно оружје. Тогаш во војната се употребувале стрели и праќи и тоа Израелците можеле да го набават, но копје или меч, освен Саул и неговиот син Јонатан, немал никој (1. Самоилова 13,22).

Дури во втората година од Сауловото владеење се обиделе да ги потчинат Филистејците. Првиот удар го извел царевиот син, Јонатан. Тој го нападнал и го победил гарнизонот во Гаваја. Победата на Јонатана ги огорчила Филистејците и тие почнале да се 617
приготвуваат за брз напад над Израелците. Затоа Саул наредил во цела земја да затрубат труби и да објават повик до сите луѓе

способни за војна, вклучувајќи ги тука и племињата отаде Јордан, да се соберат во Галгал. Сите се ѕвале на тој повик.

Филистејците собрале огромни сили во Михмас - триесет илјади коли и шест илјади коњаници, и мноштво народ „како песок на морскиот брег“ (1. Самоилова 13,5). Кога веста за тоа стигнала до Саула и до неговата војска во Галгал, тие се исплашиле од помислата на силната војска со која требало да се мерат во борбата. Не биле подготвени да се соочат со непријателот, а мнозина толку многу се исплашиле, што не се осмелувале ниту да излезат во бој. Едни преминале преку Јордан, а други се скриле по пештерите и по процепите меѓу карпите со кои изобилувала таа област. Колку повеќе се наближувало времето за борба, бројот на дезертерите станувал сè поголем, а и оние што не ги напуштиле редовите биле исполнети со страв и со лоши претчувства.

Кога Саул бил помазан за цар, Самоил дал изрични упатства како треба да постапи во тоа време. „Потоа ќе отидеш пред мене во Галгал, и јас ќе дојдам кај тебе да принесам жртви паленици и жртви благодарници. Седум дена чекај додека да дојдам јас кај тебе да те поучам што ќе правиш “ (1. Самоилова 10,8).

Ден по ден Саул чекал но ништо не преземал да ги охрабри своите војници и да им влее верба во Бога. Уште пред да истече времето што го одредил пророкот, Саул и сам го загубил трпението и храброста поради тешките околности во кои се наоѓал. Наместо да го приготви народот за богослужението што требало да го одржи Самоил кога ќе дојде, тој потонал во неверство и во лоши наслутувања. Да се бара Бог со жртва - тоа било нешто извонредно свечено и важно, па Бог барал неговиот народ да го испита срцето и да ги окае гревовите за жртвата да биде угодна и тие да примат негов благослов и помош во борбата против непријателот. Но Саул се вознемирил, а војниците, наместо да очекуваат помош од Бога, гледале во царот кого самите го избрале, очекувајќи тој да ги поведе и да ги упати што да прават.

618 Сепак, Господ сè уште се грижел за нив и не ги препуштил на несреќата што би ги снашла кога единствено и целосно би се потпреле врз телесната мишка. Тој ги довел во тешка положба за да увидат колку е бесцелно да се потпираат врз луѓето и да му се обратат нему како единствен извор за помош. Настапило време за проверка на Саула. Тој сега морал да покаже дали ќе има доверба во Бога и стрпливо ќе чека негова помош или не, дали ќе се покаже како човек на кого Бог во тешките времиња може да му довери да го води неговиот народ, или со своето колебање ќе докаже дека не е достоен за светата одговорност што му била поверена. Дали царот, што си го избрал Израел себеси, ќе го послуша Царот над

царевите? Дали ќе го насочи вниманието на своите исплашени борци кон Оној кој е извор на вечна сила и ослободување?

Со сè поголемо нетрпение Саул го очекувал Самоила и настанатиот метеж, очај и напуштање на воените редови му ги припишувал на отсуството на пророкот. Утврденото време се приближувало, а Божјиот човек не се појавувал. Божјето провидение го задржало неговиот слуга. Немирниот и незауздан дух на Саула не можел веќе да се совлада. Чувствувајќи дека мора нешто да стори за да го стивне стравот кај народот, решил да организира богослужение и со жртва да побара Божја помош. Бог заповедал жртва да принесуваат само оние што се посветени за тоа. Но Саул наредил: „Донесете ми ја жртвата паленица и жртвите благодарници“; и така во оклоп, под оружје, пристапил кон олтарот и принел жртва.

„А штом ја принесе жртвата паленица, пристигна Самоил, а Саул му излезе во пресрет да го поздрави.“ Самоил веднаш забележал дека Саул постапува спротивно на изричните прописи што му биле дадени. Господ преку својот пророк рекол дека тогаш ќе открие како треба да постапува Израел во таа криза. Кога Саул верно би ги исполнил условите под кои му била ветена Божја помош, Тој би ги ослободил Израелците на чудесен начин, со оној мал број луѓе што му останале верни на царот. Но Саул бил толку задоволен со самиот себе и со своите постапки, што му излегол на пророкот во пресрет како човек кој повеќе заслужува пофалба отколку прекор.

Лицето на Самоил оддавало загриженост и неспокојство; но, на 621
неговото прашање „Што си сторил?“, Саул својата дрска постапка ја оправдал со зборовите: „Видов како народот ме напушта, а ти не дојде во закажаното време, и како Филистејците се собрале во Михмас, па си помислив: Сега ќе ме нападнат Филистејците во Галгал, а јас не стигнав да се помолам на Господа. Затоа се осмелив и принесов жртва паленица.“

„А Смоил му рече на Саула: ’Лошо си постапил што не ја исполни заповедта на твојот Господ Бог што ти беше дадена, зашто Господ денеска ќе го зацврснеше твоето царство над Израел довека. А сега твоето царство не може да се одржи засекогаш. Господ си нашол себеси човек според своето срце и нему му заповедал Господ да биде водач на неговиот народ.’ Потоа стана Самоил и отиде од Галгал во Гаваја Венијаминова.“

Израелците или морале да престанат да важат како Божји народ, или да ги одржат и да ги почитуваат начелата на кои било засновано царството, а со народот требало да се владее со Божја сила. Тој можел и натаму да остане владетел на Израел само под услов тие целосно да му се предадат на Господа и нивната човечка,

земна волја, да ѝ биде потчинета на Божјата волја. Израел не ќе може да опстане како монархија ако не го признаваат врховниот Божји авторитет во секој поглед.

За време на искушението Саул да покажал почит кон Божјите заповеди, Господ преку него би можел да ја спроведе својата волја. Со својот погрешен чекор покажал дека не бил способен за Божји застапник пред народот. Тој би ги завел Израелците. Повеќе би владеела неговата волја отколку Божјата. Кога Саул би бил верен, неговото царство би било утврдено засекогаш. Но бидејќи згрешил, Божјата намера морала да биде изведена преку некој друг. Владеењето над Израел требало да му биде доверено на некој што ќе управува со народот според Божјата волја.

Ние не знаеме колку големи интереси се во прашање кога Бог нè повикува. Единствена вистинска сигурност се наоѓа во целосната послушност кон Божјата реч. Сите негови ветувања
622 се дадени под услов на вера и послушност; а ако пропуштиме да ги исполниме неговите заповеди, оневозможуваме да се исполнат сите оние обилни благослови споменати во светите списи. Не смееме да се раководиме од чувствата, ниту да се потпираме врз мислењето на луѓето, туку секогаш треба да ја имаме пред себе откриената Божја волја и да живееме според јасните упатства на неговите заповеди, без оглед на околностите во кои се наоѓаме. За последиците не треба да се грижиме, зашто за тоа се грижи Бог. Со вера во неговиот збор во деновите на искушенија можеме да докажеме пред луѓето и пред ангелите дека Бог и во тешките животни околности може да ни довери сила да ја исполниме Божјата волја, дека и тогаш ќе го величаме неговото име и ќе му бидеме на благослов на неговиот народ.

Саул бил во немилост кај Бога, а сепак не бил готов да се понизи и да се покае. Она што му недостигало во врска со вистинската побожност, се обидувал да го надомести со ревност во верските обреди. На Саула му било мошне добро познато како се поразени Израелците кога Офние и Финес го однеле ковчегот на заветот во логорот; и, иако тоа го знаел, сепак решил да прати по ковчегот и по свештеник. Се надевал дека со тоа повторно ќе влее доверба во срцата на народот, ќе ја собере растурената војска и ќе ја поведе во борба против Филистејците. Не му придавал важност на присуството на Самоил и на неговата помош; сакал да се ослободи од непожелните опомени и укори на пророкот.

Светиот Дух му бил даден на Саула да му го расветли умот и да му го смекне срцето. Тој преку пророкот добил од Бога совети и упатства. А сепак, колку голема била неговата изопаченост! Историјата на првиот израелски цар ни дава жална слика за моќта

на неисправните навики стекнати во детството. Саул во своето детство не го сакал Бога ниту се боел од него; и тој незауздан дух, од младоста ненавикнат на потчинување, секогаш бил подготвен да му се противстави на Божјиот авторитет. Сите кои во своите млади години негуваат света почит кон Божјата волја и верно ги исполнуваат должностите што им ги наметнува животот, ќе бидат приготвени за повисоки положби во својот подоцнежен живот. Меѓутоа, не можат луѓето со години да ги злоупотребуваат силите што им ги дал Бог, а потоа еден ден, кога ќе им падне на памет да се изменат, да ги најдат своите сили неослабени и да појдат потполно по спротивен пат.

Се покажало дека напорите на Саула останале неуспешни и дека не може да го охрабри народот. Кога видел оти неговата војска се свела на само шестотини луѓе, го напуштил Галгал и се повлекол во гавајската тврдина која неодамна била ослободена од Филистејците. Таа се наоѓала на јужната страна на една длабока и карпеста долина или клисура, неколку километри северно од Ерусалим. На северната страна на истата долина, во Михмас, бил логорот на филистејската војска и одделни групи војници талкале во разни правци пустејќи ја земјата.

Бог дозволил да настапи извесна криза за да ја укори Сауловата 623
изопаченост и да му даде на народот поука за понизноста и верата. Бидејќи Саул згрешил дрско принесувајќи жртва, Бог не сакал да дозволи славата на победата над Филистејците да му припадне нему. Како орудие за избавување на Израелците бил одбран царевиот син Јонатан - човек кој се боел од Бога. Поттикнат со Божјиот Дух, Јонатан му предложил на својот момок, кој му го носел оружјето, потајно да го нападнат непријателскиот логор. „Можеби“, кажал тој, „Господ ќе ни помогне, бидејќи за Господа не е тешко да спаси преку мнозина или преку малкумина.“

Неговиот момок исто така бил човек од вера и молитва, па го прифатил предлогот и тие тајно го напуштиле логорот за никој да не се противстави на нивната намера. Сериозно се помолиле на Водачот на своите татковци и утврдиле знак според кој ќе решат како да постапат. А потоа се спуштиле во клисурата што ги одделувала двете војски и молчејќи оделе во сенката на стрмнината, криејќи се делумно зад испакнатините и гребенот. Кога се приближиле до филистејската тврдина, ги забележале нивните непријатели и подбивно рекле: „Еве, излегуваат Евреите од дупките во кои се скриле.“ А потоа им упатиле предизвик: „Дојдете кај нас за да ви кажеме нешто“, мислејќи да ги казнат двајцата Израелци за нивната смелост. Тој повик бил знак кој, според договорот, Јонатан и неговиот момок требало да го прифатат како доказ дека

Бог го прифаќа нивниот потфат. Засолнувајќи се од погледот на Филистејците, двајцата борци се упатиле по една скришна и стрмна патека. Така стигнале на врвот на една карпа која Филстејците ја сметале за незаземлива, па не ја чувале посебно. Така се вовлекле во непријателскиот логор и ја убиле стражата која во голема мера била совладана од страв и изненадување и не пружила отпор.

Небесните ангели го штителе Јонатана и неговиот придружник, се бореле на нивна страна и Филистејците биле победени. Земјата се тресела како да била преплавена со мноштво коњаници и бојни коли што се приближуваат. Јонатан во тоа ги препознал знаците на Божјата помош, па дури и Филистејците увиделе дека Бог помага при ослободувањето на Израелците. Војската ја обзел силен страв и во долината и во овој истурен гарнизон. Во таа голема забуна тие во своите војници виделе непријатели и почнале да се убиваат едни со други.

624 Набргу борбениот шум на разгорената битка се слушнал и во израелскиот логор. Стражарите на царот известувале дека меѓу Филистејците владее голема паника и дека ги има сè помалку. Меѓутоа, не било познато дали некој го напуштил еврејскиот логор. По пребројувањето, утврдено е дека сите се тука, освен Јонатан и неговиот момок. Кога Саул видел како Филистејците се растураат, и тој ја повел својата војска во напад. Сите Евреи што побегнале кај непријателот, сега се свртиле против Филистејците; се охрабриле и излегле и сите што биле скриени; и кога Филистејците во целосен распад почнале да бегаат, Сауловата војска страшно ги дотолчила.

Решавајќи до крај да ја искористи својата предност, Саул брзоплето им забранил на своите војници тој ден да јадат. Таа своја наредба ја заострил и со свечена заклетва: „Проклет да е оној што ќе вкуси леб до вечера, додека не им се одмаздам на моите непријатели." Речиси била извојувана победа, а Саул за тоа не знаел ништо, ниту на кој било начин придонел за таа победа, но се понадевал дека ќе се прослави ако победената војска потполно ја уништи. Неговата наредба народот да се воздржи од храна потекнувала од неговото себично славољубие и покажувала дека царот е рамнодушен кон потребите на својот народ кога тие потреби се во спротивност со неговата желба за самоизвишување. Со тоа што кон забраната придодал и свечена заклетва, Саул избрзал и се покажал како безбожен. Дури и самите зборови на проклетството покажуваат дека Саул ревнувал за самиот себе а не за Божјата слава. Тој не кажал оти сака „Бог да им се одмазди на неговите непријатели", туку „да им се одмаздам на моите непријатели".

Последица на таа забрана - народот е наведен на престап на Божјата заповед. Тие се бореле цел ден и биле премалени од глад.

Штом поминало времето предвидено со наредбата, народот навалил на пленот, јадел месо заедно со крв и така го погазил законот со кој тоа било изрично забрането.

За време на борбата Јонатан, не знаејќи за наредбата на татка си, ненамерно згрешил, земајќи малку мед во шумата. Истата вечер, Саул, дознавајќи за тоа, изјавил дека престапот на неговата заповед мора да се казни со смрт; иако Јонатан не згрешил намерно, иако Бог го сочувал неговиот живот на толку чудесен начин и преку него ѝ донел ослободување на нацијата, царот сепак изјавил дека
пресудата мора да се изврши. Кога Саул би го поштедил животот на 625
својот син, тоа би значело признавање дека згрешил што направил толку избрзан завет. Тоа би ја понизило неговата гордост. Неговата страшна одлука гласела: „Бог нека ти се смилува, Јонатане, но ти денеска ќе загинеш.“

Славата за победата не му припаднала на Саула, но тој се надевал дека ќе му се оддаде чест за вака пројавената ревност при одржувањето на светоста на својата заклетва. Ќе го жртвува дури и својот роден син само да ги убеди своите приврзаници дека царскиот авторитет мора да се сочува. Но, не толку одамна, Саул во Гаваја, наспроти Божјата заповед, презел свештеничка служба. И кога Самоил го опоменал, тој тврдоглаво се правдал. А сега, кога неговата заповед е прекршена - иако била неумесна, а прекршокот направен во незнаење - царот и таткото му изрекол смртна пресуда на својот син.

Меѓутоа, народот решително се противставил на извршувањето на таквата пресуда. Не осврнувајќи се на царевиот гнев, војниците изјавиле: „Јонатан ли да умре, кој му донесе толку големо спасение на Израел? Тоа нема да се случи! Нека е жив Господ, ни влакно нема да падне од неговата глава на земјата, зашто денес тој дејствуваше со Бога.“ Горделивиот владетел не се осмелувал да премине преку таа едногласна одлука на народот, и животот на Јонатана бил поштеден.

Саул морал да почувствува дека и Бог и народот повеќе имаат доверба во неговиот син отколку во него. Ослободувањето на Јонатана претставувало строг прекор за избрзаноста на царот. Тој однапред чувствувал дека неговата клетва ќе падне врз неговата глава. Затоа не ја продолжил војната со Филистејците туку незадоволен и столчен се вратил во своето родно место.

Сите што лесно проштаваат и ги правдаат своите гревови, често се мошне строги кога треба да им се суди на другите. Како и Саул, мнозина навлекуваат на себе Божје негодување, а сепак ги отфрлаат советите и ги презираат упатствата. Дури и кога ќе се уверат оти Бог не е на нивна страна, се притеснуваат кај себе

да видат причина за сопствените неволји. Тие негуваат дух на горделивост и фалениште, а кога станува збор за други, кои се подобри од нив, тогаш се мошне строги во прекорите. Добро би било кога таквите самонаречени судии би промислиле за следните Христови зборови: „Оти, со каков суд судите, со таков ќе бидете судени; со каква мерка мерите, со таква и ќе ви се мери“ (Матеј 7,2).

Оние што се стремат кон самоизвишување често се доведувани во положба да го откријат својот вистински карактер. Тоа било
626 случај и со Саула. Неговото однесување го убедило народот дека нему повеќе му се мили царскиот углед и чест отколку правдата, милосрдието и добрината. Така народот сфатил колку згрешил кога го отфрлил владеењето што им го дал Бог. Побожниот пророк, чиишто молитви на народот му носеле благослов, го замениле за цар кој во својата слепа ревност го струполил во проклетство.

Кога луѓето во Израел не би се зазеле да го спасат животот на Јонатан, нивниот ослободител би бил погубен по наредба на царот. Со колкаво подозрение народот ги гледал сите идни наредби на Саула! Колку тешко им паѓала мислата дека токму тие сами го поставиле на престол! Господ има големо трпение со луѓето и секому му дава можност да го увиди својот грев и да го исправи; и иако може да се чини дека Тој им дава успех на оние што ја презираат неговата волја и ги отфрлаат неговите опомени, сепак Тој во свое време сигурно ќе ја открие нивната лудост.

# 61

# САУЛ ОТФРЛЕН

*Оваа глава е заснована на 1. Самоилова 15 глава*

Во тешката ситуација во Галгал Саул не ја издржал проверката на верата туку ја обесчестил службата на Бога. Но неговите грешки сè уште можеле да се исправат и Господ сакал да му даде уште една прилика да научи безусловно да верува и да го слуша неговиот збор.

Кога пророкот во Галгал го укорил, Саул не видел некој голем грев во својата постапка. Тој дури чувствувал дека со него се постапува неправедно и се обидувал да ја оправда својата грешка. Од тоа време малку контактирал со пророкот. Самоил го сакал Саула како роден син, а Саул со својот нескромен и брз темперамент многу го почитувал пророкот; но тој бил јадосан со прекорите на Самоила и од тогаш колку што можел повеќе го избегнувал.

Меѓутоа, Господ му го пратил на Саула својот слуга со уште една порака. Со послушност тој сè уште можел да се покаже верен пред Бога и достоен за положбата што му била доверена како водач на Израел. Самоил дошол кај царот и му ја пренел речта Господова. За царот да увиди колку е важно да внимава на заповедта, Самоил изрично нагласил дека зборува по Божји налог, со истиот оној авторитет кој Саула го поставил на царскиот престол. Пророкот рекол: „Решив да го одмаздам она што му го стори Амалик на Израел затворајќи му го патот кога излегуваше од Египет. Сега оди и удри на Амалика - уништи го него и сè што поседува; не го штеди, уништи ги мажите и жените, децата и доенчињата, говедата и овците, камилите и магарињата.“ Амалиците биле први што завојувале против Израелците во пустината; поради тој грев, а и поради нивниот пркос кон Бога и понижувачкото идолопоклонство, 628
Господ преку Мојсеја им изрекол пресуда. Записот за нивната свирепост кон Израелците бил забележан по Божје упатство, заедно со налогот: „Затри го споменот на Амалик под небото; не заборави“ (5. Мојсеева 25,19). Извршувањето на таа пресуда било

одложувано четиристотини години, но Амалиците не се одвратиле од своите гревови. Господ знаел дека тие безбожници, само кога би било можно, би го збришале од лицето на земјата и неговиот народ и вистинската вера и богослужение. Сега дошол мигот таа пресуда, која толку долго била одложувана, да се изврши.

Божјето трпение кон грешните луѓе уште повеќе ги храбри да грешат. Но нивната казна нема да биде ниту помалку сигурна ниту помалку страшна затоа што долго се одложува. „Зашто Господ ќе се крене како на гората Ферасим: ќе се разгневи како во гаваонската долина за да го изврши своето дело, своето необично дело, и да ја изврши својата работа, својата чудна работа“ (Исаија 28,21). За нашиот милозлив Бог делото на казнување е „необична работа“. „Кажи им ... вели Господ Бог: 'Не ми е мило да умре грешникот, туку грешникот да се врати од својот зол пат'“ (Езекил 33,11). Господ е „милозлив, жалослив, бавно се гневи и изобилен е со милосрдие и со вистина ... ги проштава беззаконијата, неправдите и гревовите“. Сепак, Тој „не го оправдува виновникот“ (2. Мојсеева 34,6.7). Иако не ужива во одмаздата, Тој сепак ќе ги казни престапниците на неговиот закон. Тој е присилен да постапува така за да ги сочува земните жители од целосна изопаченост и пропаст. За некого сепак да го спаси, Бог мора да ги истреби оние што се закоравени во гревот. „Господ е долготрпелив и голема е неговата сила, така што не остава никого без казна“ (Наум 1,3). Иако тоа нерадо го прави, сепак, Тој ќе го одржи и ќе го одбрани авторитетот на својот погазен закон со своите страшни дела на правдата кои сведочат за постоењето на ужасните гревови што предизвикуваат негов гнев и за строгоста и острината на казната што ги очекува престапниците.

Но, додека ја спроведувал правдата, Господ си спомнал за милоста. Амалиците требало да бидат истребени, додека Кенејците, кои живееле меѓу нив, требало да бидат поштедени. Тој народ, иако не наполно слободен од идолопоклонство, го почитувал Бога и бил пријателски расположен кон Израел. Од тоа племе потекнувал и Ховав, братот на Мојсеевата жена, кој им се придружил на Израелците додека патувале низ пустината и со своето познавање на земјата им правел драгоцени услуги.

По поразот на Филистејците кај Михмас, Саул војувал со Моавците, Амонците и Едомците, со Амалиците и Филистејците;
629 и секаде, каде што би се свртил, задобивал нови победи. Кога го примил налогот да завојува против Амалиците, веднаш објавил војна. Неговиот авторитет и во овој случај бил поддржан од угледот на пророкот и кога војната е објавена, Израелците од сите страни се слеале под неговото знаме. Овој воен поход не смеел да

биде преземен за лично богатење и слава; ниту честа на победата ниту пленот добиен од непријателот не смееле да им припаднат на Израелците. Со оваа војна требало само да се покаже послушност кон Бога чијашто цел била да ги казни Амалиците. Бог имал намера на сите народи да им укаже на судбината на Амалиците кои ѝ пркоселе на неговата врховна власт и сакал сите да забележат како Амалиците се истребени токму од оние кои тие толку многу ги презирале.

„И Саул го порази Амалика од Евил до пределите на Сур, што е пред Египет, и го зароби жив амаличкиот цар Агаг, и сиот народ го истреби со меч. Но Саул и народот го поштедија Агага и најдобрите овци, волови и згоените јагниња, и сѐ што беше добро. А истребија сѐ што беше лошо и безвредно.“

Оваа победа над Амалиците, најсјајна победа што кога и да е ја извојувал Саул, повторно разбудила гордост во неговото срце, што за него претставувало најголема опасност. Божјата заповед, според која Господовите непријатели морале да бидат уништени, била само делумно извршена. Со желба да ја зголеми славата на своето триумфално враќање со присуство на заробениот цар, Саул се осмелил да ги поддржува обичаите на другите народи околу себе, па му го поштедил животот на Агага, грозниот и воинствен цар на Амалиците. Народот ги задржал најдобрите говеда и другиот најдобар добиток, а својот грев го правдал со тоа што добитокот бил задржан со цел да му биде принесен на жртва на Бога. Меѓутоа, нивна намера била да го жртвуваат заробениот добиток наместо својот, кој сакале да го сочуваат.

Така Саул бил ставен на последна проверка. Неговото дрско непочитување на Божјата волја ја покажувало неговата решеност да владее како независен владетел и дека не може да му се довери должност како цар да го застапува Господа. Додека Саул победоносно се враќал со својата војска, во домот на пророкот Самоил владеала голема загриженост. Тој примил од Господа вест која го осудувала однесувањето на царот: „Се каам што го поставив Саула 630
за цар, зашто отстапи од мене и не ги изврши моите зборови.“ Пророкот бил длабоко ожалостен поради бунтовното однесување на царот; плачел и сета ноќ ја поминал на молитва со цел страшната пресуда да биде повлечена.

Божјето каење не е како човечко каење. „Светецот Израелов нема да каже неправда ниту ќе се покае, бидејќи Тој не е човек па да се покае.“ Каењето на човекот претставува промена на неговото мислење, а Божјето каење значи менување на постојните околности и односи меѓу него и човекот. Човекот може својот однос кон Бога да го измени на тој начин што ќе ги исполни условите под кои ја

прима Божјата милост, или со своите постапки ќе се исклучи од Божјата милост; но Господ е ист „вчера, денеска и засекогаш“ (Евреите 13,8). Непослушниот Саул го изменил својот однос кон Бога, но условите за прием кај Бога останале неизменети - Божјите барања сè уште биле исти; зашто кај него „нема измени, ниту менување на светлината и мракот“ (Јаков 1,17).

Следниот ден рано изутрина се подигнал пророкот со рането срце да му излезе во пресрет на заблудениот цар. Самоил се надевал дека Саул, кога зрело ќе размисли, ќе стане свесен за својот грев и дека со покајание и понизност повторно ќе ја задобие Божјата милост. Но кога еднаш ќе се тргне по патот на гревот, тогаш лесно се паѓа сè подлабоко. Саул, изопачен од својата непокорност, излегол пред Самоила со лага на своите усни: „Благословен да си пред Господа! Ја извршив заповедта Господова.“

Но одгласот на она што допирало до увото на пророкот го побивало тврдењето на непослушниот цар. На непосредното прашање на Самоил: „Какво е тоа блеење на овци во моите уши и рик на волови што го слушам?“ Саул одговорил: „Ги дотераа од Амалика, зашто народот ги поштеди најдобрите овци и волови за принесување на жртви на твојот Господ Бог; а другото го истребивме.“ Народот само ја послушал наредбата на Саула но, за да се оправда себеси, Саул бил подготвен својата непослушност кон Бога да му ја припише во грев на народот.

Веста дека Саул ќе биде отфрлен страшно го мачела срцето на пророкот. Таа вест морала да се објави пред целата израелска војска и тоа во мигот кога луѓето биле радосни поради победата
631 што ѝ ја припишувале на храброста и на воениот талент на својот цар, зашто Саул успехот на Израел во оваа борба не му го припишувал на Бога; но, кога пророкот ги согледал доказите на Сауловото противење, се наполнил со гнев што токму оној на кого Бог му укажал толкава милост, ја погазил небесната заповед и ги навел Израелците на грев. Изговорот на царот не можел да го залаже Самоила. Малку во болка, малку во лутина, му рекол: „Почекај да ти јавам што ми кажа Господ ноќеска ... Зар не беше ти мал пред него и зар не те постави глава над Израеловите племиња, и Господ те помаза за цар над Израел?“ Му ја повторил Господовата заповед во врска со Амалик и поставил непосредно прашање зошто царот не ја извршил.

Саул упорно се правдал: „Јас го послушав гласот Господов и отидов на пат каде што ме прати Господ и го доведов амаличкиот цар Агаг, а Амалиците ги истребив. Туку народот зеде од пленот овци и говеда, најдоброто од проклетото, за да му принесе жртва на твојот Господ Бог во Галгал.“

Пророкот со строги и сериозни зборови ја обелоденил лагата и објавил неотповиклива осуда: „Зар сепалениците и приносите повеќе му се пријатни на Господа отколку послушноста на гласот Господов? Послушноста е подобра од жртвата, а покорноста подобра од овнешко месо; зашто непослушноста е грев исто како и вражањето, а непокорноста како идолопоклонството. Поради тоа што го отфрли зборот на Господа, и Тој те отфрли тебе за да не бидеш веќе цар над Израел.“

Кога царот ги слушнал тие страшни зборови, повикал: „Згрешив, бидејќи ја престапив заповедта на Господа и твојот збор; но јас се уплашив од народот и го послушав неговиот глас.“ Обвинувањето на пророкот му влеало страв и Саул го признал својот престап кој до тогаш толку упорно го побивал; но сè уште упорно кривицата ја префрлал на народот, тврдејќи дека тоа го сторил од страв од народот.

Царот не бил поттикнат од жалење поради гревот, туку од страв од казна кога го преколнувал Самоила: „Прости ми го гревот и врати се со мене да му се поклонам на Господа.“ Кога Саул навистина би се покајал, тој јавно би го признал својот грев. Меѓутоа, пред сè, тој се трудел да го сочува својот углед и за себе да си обезбеди приврзаност од страна на народот. Барал од Самоила да му укаже чест со своето присуство само затоа да го засили своето влијание среде народот.

Но пророкот одговорил: „Нема да се вратам со тебе, зашто 632
ти ја отфрли речта Господова, и Господ тебе те отфрли за да не бидеш цар над Израел.“ Кога Самоил се свртил да замине, царот, опфатен со наплив на страв, ја дофатил наметката на пророкот за да го запре, но наметката се искинала во неговите раце. При тоа пророкот проговорил: „Денес Господ го одзеде царството Израелово од тебе и му го даде на твојот ближен кој е подобар од тебе.“

Саула повеќе го тиштело тоа што се оддалечил од Самоила, отколку што предизвикал Божје негодување. Тој знаел дека народот повеќе има доверба во пророкот отколку во него. И сега, кога по Божја наредба некој друг би бил помазан за цар, тој не би можел да го одржи својот авторитет. Се плашел дека веднаш ќе избие бунт ако Самоил наполно го напушти. Затоа Саул го молел пророкот да му укаже чест пред старешините и пред народот и тоа на тој начин што јавно ќе се покаже со него на богослужението. По Божја наредба Самоил ја прифатил желбата на царот за да нема повод за бунт. Но за сето време на богослужението само молчел.

Требало да биде извршено уште едно строго и страшно дело на правдата. Самоил морал јавно да ја одбрани Божјата чест осудувајќи го Сауловото однесување. Затоа наредил пред него да се

изведе царот на Амалик. Од сите што падналe од израелскиот меч, Агаг бил најсуров и највиновен; тој повеќе од сите други го мразел и сакал да го уништи Божјиот народ и неговото влијание најмногу придонело за ширење на идолопоклонството. Кога бил повикан по наредба на пророкот, тој се надевал дека не му се закaнува веќе опасност од смрт; но Самоил рекол: „Како твојот меч што ги лишуваше мајките од децата, така и мајка ти меѓу жените нека биде лишена од син. И го исече Самоил Агага пред Господа во Галгал.“ Потоа Самоил се вратил во своето родно место Рама, а Саул во својата престолнина Гаваја. Пророкот и царот подоцна се сретнале само уште еднаш.

Кога бил повикан на престолот, Саул имал скромно мислење за своите способности па радо примал совети. Му недостигало знаење и искуство, а имал и сериозни карактерни мани. Но Господ му дал Свети Дух да му биде водач и помошник и го довел во таква положба во која можел да ги развие особините неопходни за владетел на
633 израелскиот народ. Да останал понизен и постојано да барал да го води Божјата мудрост, би бил во состојба должностите на својот висок позив да ги врши со успех и чесно. Под влијание на Божјата милост, секоја добра особина уште повеќе би се засилила, додека лошите склоности наполно би исчезнале. Тоа е дело што Бог ќе го стори за секого што ќе му се посвети. Има многу такви коишто Тој ги повикал да заземат положба во неговото дело затоа што имале понизен дух и биле подготвени да примат поука. А Тој во своето провидение ги поставува таму каде што можат да учат од него. Тој ќе им ги открие маните во нивниот карактер и ќе му даде сила на секого кој бара од него помош да ги поправи своите грешки.

Но Саула го засенчила неговата висока положба и тој, со својата непослушност и неверност, го обесчестил Бога. Иако од почеток бил понизен и самиот себеси не си придавал голема важност, успехот го сторил самоуверен. Уште првата победа во неговото владеење во неговото срце разгорела гордост што за него претставувала најголема опасност. Храброста и војничкиот талент што ги покажал при ослободувањето на Јавис-Галад предизвикале одушевување кај целиот народ. Народот го величел својот цар и заборавил дека тој е само орудие преку кое работи Бог; Саул од почеток го славел Бога, но подоцна сета чест си ја припишувал себеси. Ја загубил од вид својата зависност од Бога и во своето срце отстапил од Господа. На тој начин бил приготвен патот за неговиот дрзок грев и обесветување во Галгал. Истата таа слепа самоувереност го навела да ги отфрли и советите на Самоила. Саул признавал дека Самоил е пророк пратен од Бога; затоа требало да го прими укорот иако самиот не увидувал дека згрешил. Кога би

бил подготвен да го увиди и да го признае својот грев, тогаш тоа горко искуство би се покажало како заштита во иднина.

Кога Господ тогаш целосно би го напуштил Саула, не би му се обраќал веќе преку Самоила, ниту би му доверувал одредени задачи за да може да ги исправи грешките од минатото. Ако некој кој тврди дека е Божје дете стане немарен во исполнувањето на Божјата волја и со тоа наведува и други лекомислено да се однесуваат кон Божјите наредби, сепак, и за него има можност грешките да се претворат во победа само ако со искрено срце го прими прекорот и ако понизно и со вера му се обрати на Бога. Чувството на пониженост поради поразот често се покажува како благослов, зашто ни открива колку сме неспособни без Божја помош да ја исполнуваме неговата волја.

Отфрлајќи го укорот што му бил пратен преку Светиот Дух, 634
и упорно тврдејќи дека тој има право, Саул го отфрлил единственото средство преку кое Бог можел да дејствува за да го спаси од самиот него. Тој не можел да добие ниту Божја помош ниту Божје водство сè додека не се врати кај Бога признавајќи и оставајќи го својот грев.

Во Галгал Саул се правел мошне совесен додека стоел пред израелската војска и му принесувал на Бога жртва. Но неговата побожност не била искрена. Верскиот обред, кој е вршен во директна спротивност со Божјата заповед, можел единствено да ги ослаби Сауловите раце, лишувајќи го од Божјата помош што Бог толку радо сакал да му ја укаже.

Во војната против Амалик, Саул според сопствено мислење извршил сè што било битно во Божјиот налог. Но на Бога не му е угодна делумната послушност, ниту сака да премине преку она што е занемарено од малку прифатлива причина. Бог не му оставил на човекот на волја да отстапува од неговите барања. Господ им рекол на Израелците: „Не правете ... секому како што му се чини дека е добро", „туку држи ги и извршувај ги сите овие наредби што ти ги пропишувам јас" (5. Мојсеева 12,8.28). Кога ќе се решиме за некој чекор, не треба да се прашаме дали тоа ќе ни донесе патила, туку дали тоа е во сообразност со Божјата волја. „Има патишта кои на некои луѓе им изгледаат прави, но нивниот крај води во смрт" (Мудри изреки 14,12).

„Послушноста е подобра од жртвата." Жртвата за грев во Божјите очи сама по себе немала некоја посебна вредност. Нејзина задача била да го наведе оној што ја принесува да се покае за гревовите што ги сторил и да покаже вера во Христа, а и да го обврзе на натамошна послушност кон Бога. Но без каење и без вера и потчинетост на срцето, жртвите биле безвредносни. Кога директно го кршел Божјиот закон и решил да принесе жртва од

она што Бог наредил да се уништи, Саул отворено покажал дека го презира Божјиот авторитет. Таквото богослужение морало да биде само навреда за Небото. Меѓутоа, и денеска мнозина се однесуваат на сличен начин иако пред очи го имаат примерот на Саула и последиците на неговиот грев. Од една страна одбиваат да веруваат во некои Божји барања и да се придржуваат кон нив, од друга страна упорно вршат надворешни форми на богослужение. Божјиот Дух не прифаќа таква служба. Без оглед на тоа колку луѓето се ревносни во одржувањето на верските церемонии, сепак, Бог не може да ги прифати ако и понатаму намерно престапуваат макар и една негова заповед.

*635* „Зашто непослушноста е ист грев како врачањето, а непокорноста исто како идолопоклонството.“ Непокорноста прво се зачнала кај сатаната и секоја непослушност кон Бога потекнува директно од ѓаволот. Сите што ќе му се противстават на Божјето владеење, склучуваат сојуз со праисконскиот отпадник кој ќе ја употреби сета своја сила и лукавство да ги омае нивните сетила и да им го заведе умот. Тој сè ќе претставува во лажна светлина. Како и нашите први родители, сите што се под влијание на неговата волшебна сила ги гледаат само предимствата до кои можат да се доберат со престап.

Нема посилен доказ за измамната сила на сатаната од фактот дека сите што ги завел тој самите себеси се лажат со мислата дека му служат на Бога. Кога Кореј, Датан и Авирон се побуниле против Мојсеја, сметале дека му се противставиле само на водството на човек како што се и самите тие; и на крај навистина поверувале дека на Бога му вршат служба. Меѓутоа, отфрлајќи го од Бога избраното орудие, тие го отфрлиле и Христа; похулиле на Божјиот Дух. Така, во времето на Христа, еврејските книжевници и старешини, кои инаку покажувале голема ревност за Божјата слава, го распнале неговиот Син. Истиот дух сè уште владее во срцата на оние кои имаат намера, наспроти Божјата, да ја следат својата сопствена волја.

Саул имал најубедлив доказ дека Самоил е инспириран со Божјиот Дух. Тоа што се осмелил да ја омаловажи Божјата наредба, соопштена преку пророкот, било против здравиот разум и памет. Неговата кобна дрскост мора да им се припише на сатанските вражби. Саул покажал голема ревност при искоренувањето на идолопоклонството и врачањето. Меѓутоа, поради непослушноста кон Божјата заповед, со него завладеал истиот дух на бунт против Бога, и бил исто толку инспириран од сатаната, како и оние што се занимавале со врачање; а кога бил прекорен, тогаш кон својата непокорност придодал и тврдоглавост. Поголема навреда на

Божјиот Дух не би можел да му нанесе ниту тогаш кога отворено би им се придружил на идолопоклониците.

Опасен е чекорот да се отфрлат советите и опомените на Божјата реч или на Божјиот Дух. Како и Саул, мнозина паѓаат во искушенија сè додека не станат слепи за вистинскиот карактер на гревот. Тие си ласкаат себеси како имаат пред себе некаква возвишена цел и како божем не сториле никаква неправда со тоа што отстапиле од Божјите барања. На тој начин тие му пркосат на Духот на милоста сè додека во нивните уши наполно не исчезне неговиот глас и додека целосно не ги прифатат измамите што самите си ги избрале.

Во Саула Бог на Израелците им дал цар според нивните соп- 636
ствени желби, како и Самоил што рекол кога на Саула му било потврдено царството во Галгал: „И така, еве го царот, што го избравте, кого го сакавте“ (1. Самоилова 12,13). Убав, со благородна става и со кнежевско држење - неговата појава наполно одговарала на нивните сфаќања за царското достоинство; а неговата храброст и талент на војсководител биле особини што тие ги сметале како најпогодни за обезбедување на почит од страна на другите народи. Малку воделе сметка за тоа дали нивниот цар ги има оние возвишени особини што единствено би можеле да му овозможат да владее според правдата. Тие не барале човек кој има вистински благороден карактер, кој поседува Божја љубов и Божји страв. Тие не го прашале Бога кои особини треба да има нивниот владетел за да го сочува нивниот посебен свет карактер - обележјето на избран народ. Тие не го барале Божјиот пат, туку оделе по свој пат. Нивните срца не му биле потчинети на Бога, а нивниот цар не бил опфатен со Божјата милост. За време на владеењето на тој цар тие требало да стекнат неопходно искуство за да ја увидат својата заблуда и повторно да станат Божји приврзаници.

Сепак, Господ не го препуштил Саула самиот на себе кога врз него ја пренел царската одговорност. Му подарил Свети Дух за да му покаже колку е слаб и колку му е потребна Божјата помош; и кога Саул целосно би се потпрел врз Бога, Бог секогаш би бил со него. Сè додека неговата волја била потчинета на Божјата волја и додека дозволувал да го води Божјиот Дух, Господ можел неговите напори да ги круниса со успех. Но, кога Саул решил да постапува наполно независно, Господ не можел веќе да го води и бил присилен да го отфрли. Тогаш повикал на престолот „човек според своето срце“ (1. Самоилова 13,14) - не некого кој немал карактерни недостатоци, туку човек кој не се потпирал врз себе, ами само врз Бога и дозволувал да биде воден од неговиот Дух; човек кој, кога ќе згреши, ќе прими укор и ќе се поправи.

62

# ДАВИД ПОМАЗАН ЗА ЦАР

*Оваа глава е заснована на 1. Самоилова 16,1-13*

Неколку километри јужно од Ерусалим се наоѓа Витлеем, „град на големиот Цар“, каде што бил роден Давид, синот на Есеја, и тоа повеќе од илјада години пред детето Исус да биде положено во јасли каде што му се поклониле мудреците од Исток. Многу векови пред да дојде Спасителот, Давид како момче пасел овци по ритчињата што го опкружуваат Витлеем. Едноставното овчарче пеело песни што само ги составувало, а неговиот детски глас бил придружуван од хармонични звуци на харфа. Господ го одбрал Давида и во осаменост крај стадото го приготвувал за големата задача што планирал да му ја довери во подоцнежните години.

Додека Давид живеел повлечен и скромен пастирски живот, за него Господ му зборувал на пророкот Самоил: „До кога ќе тагуваш по Саула, кога јас го отфрлив да не биде цар над Израел? Наполни го својот рог со масло и стани да те пратам кај Есеја Витлеемецот, зашто меѓу неговите синови си одбрав цар ... Земи со себе јуничка од говедата па кажи: 'Дојдов да му принесам жртва на Господа. Повикај го и Есеја и неговите синови на жртвата, а јас ќе ти кажам што ќе правиш, и помажи ми го оној што ќе ти го посочам."“ Самоил постапил како што му кажал Господ и дошол во Витлеем. Кога го виделе градските старешини, се уплашиле и прашале: „Дали дојде за добро?“ А тој им рекол: „Добро, дојдов да му принесам жртва на Господа.“ Старешините го прифатиле повикот за жртва, а Самоил го повикал и Есеја и неговите синови. Бил направен жртвеник и приготвена жртвата. Било присутно целото семејство на Есеја, освен најмладиот син, Давид, кого го оставиле да пасе овци, зашто не било сигурно да се остави стадото без чувар.

638 Кога завршиле со жртвата и кога почнал жртвениот ручек, Самоил почнал на пророчки начин да ги посматра синовите на Есеја кои изгледале мошне елегантно. Елијав бил најстар и што се однесува до неговата става и убавина, личел на Саула повеќе

отколку другите. Неговите пријатни црти на лицето и добро развиеното тело го привлекле вниманието на пророкот. Посматрајќи го неговото кнежевско држење, Самоил си помислил: „Сигурно, еве, пред Господа стои неговиот помазаник", и очекувал Божја наредба да го помаже. Но Јехова не го гледа надворешниот изглед. Елијав не се плашел од Бога. Кога би бил поставен на престолот, би покажувал горделивост и би бил премногу строг господар. Затоа Господ му рекол на Самоила: „Не гледај на неговото лице ниту на неговиот висок раст, зашто јас го отфрлив. Јас не гледам така како што гледа човек, бидејќи човек гледа на лицето, а Господ гледа на срцето." Никаква надворешна убавина не може да ја препорача душата пред Бога. Вистинската убавина на човекот ја прават мудроста и совршенството што се покажуваат во однесувањето и карактерот; а совршенството на срцето ја претставува внатрешната вредност со која единствено можеме да му угодиме на Господа над војските. За таа вистина треба секогаш да бидеме длабоко свесни кога донесуваме суд за себе или за другите. Од грешката на Самоила можеме да научиме колку е ништожна проценката што се темели на убавината на лицето или на елегантното однесување. Можеме да научиме и за тоа колку е неспособна човечката мудрост без посебно небесно просветување да ги разбере тајните на срцето и да ги сфати Божјите совети. Божјите мисли и Божјите патишта во врска со неговите созданија се недосегливи за нашето земно сфаќање; но можеме да бидеме сигурни дека неговите деца ќе бидат поставени токму на оние места за кои се способни и дека ќе можат да ги исполнат задачите што им се доверени само ако својата волја ѝ ја потчинат на Божјата волја, со цел неговите совршени планови да не бидат попречувани со човечката изопаченост.

Самоил престанал да обрнува внимание на Елијава и ги посматрал еден по еден сите шестмина други браќа што присуствувале на богослужението. Меѓутоа, Господ не избрал ниеден од нив. Загрижен поради неизвесноста, Самоил го погледнал и последниот млад човек; пророкот бил очаен и збунет. „Дали сите твои деца се овде?" го прашал Есеја. А таткото одговорил: „Остана уште најмладиот. Тој ги пасе овците." Самоил наредил веднаш да го доведат: „Зашто нема да седнеме да јадеме додека и тој не дојде овде."

Осамениот пастир се изненадил кога гласникот му рекол оти 641
пророкот дошол во Витлеем и дека го пратил по него. Со чудење прашал зошто пророкот и судијата на Израел бара да го види токму него; но, без двоумење пошол. „Тој беше румен, со убави очи и со пријатно лице." Додека Самоил со задоволство го посматрал решителниот, сериозен и скромен млад пастир, Господовиот глас

му проговорил: „Стани и помажи го, зашто тоа е тој.“ Давид во скромната пастирска служба покажал храброст и верност, па сега Бог го одбрал за поглавар на својот народ. „Самоил го зеде својот рог со масло и го помаза среде неговите браќа, и Духот Господен го обзеде Давида од тој ден.“ Пророкот ја извршил задачата што му била доделена и со олеснение во срцето се вратил во Рама.

Самоил не му ја најавил својата мисија дури ни на семејството на Есеја, па церемонијата на Давидовото помазание била изведена во тајност. За младиот Давид тоа било најавување на високиот позив што го очекувал; и тоа сознание требало во сите различни настани и опасности во претстојните години да го вдахне со верност со својот живот да ја исполни Божјата цел.

Давид не се возгордеал поради високата чест што му била доделена. Без оглед на високата положба што требало да ја заземе, тој мирно ја продолжил својата пастирска работа и, полн со задоволство, очекувал Божјите планови да се остварат во одредено време и на од Бога одреден начин. Кроток и скромен како и пред своето помазание, пастирот се вратил на своите ритчиња, пасејќи ги своите стада нежно како и секогаш. Само во неговите песни, придружувани со пријатни звуци на харфа, се чувствувало ново одушевување. Пред него се простирале богати полиња полни со убавина. Лозјата блескотеле на сонцето полни со златни гроздови. Зелените лисја на шумските дрвја треперeле на благо ветерче. Го посматрал Сонцето како го прелева небото со светлина и „излегува како младоженец од својата соба, како јунак весело ита по патот“. На другата страна гордо се издигнувале кон небото врвовите на планините; во далечината се виделе карпестите синџири на моавските планини; погоре од нив се наткрилило прекрасно небесно синило. Над сето тоа бил Бог. Тој не можел да го види,
642 но неговите дела го фалеле и славеле. Дневната светлина, позлатувајќи ги шумите, ридовите, долините и реките, ги издигнувала неговите мисли кон Отецот на светлината, кон Оној кој дава сè што е добро и совршено. Секојдневните откровенија на карактерот и величеството на Творецот го исполнувале срцето на младиот поет со безгранична љубов и радост. Размислувајќи длабоко за Бога и за неговите дела, Давид ги развивал и ги засилувал способностите на својот разум и срце за делото што го очекувало во годините што настапувале. Секој ден стапувал во сè потесен допир со Бога. Неговиот дух постојано навлегувал во нови длабини за таму да најде ново вдахновение за песната и за музиката на неговата харфа. Богатите мелодии на неговиот глас се прелевале во воздухот и се одгласувале од околните падини како одговор на радосната песна на небесните ангели.

Кој може да ги измери последиците на тие години на труд и талкање по осамените брекчиња? Контактот со природата и допирот со Бога, грижата за стадото, опасностите, страдањата и радостите на неговиот скромен живот - сето тоа требало не само да го изгради Давидовиот карактер и да влијае врз неговиот иден живот, туку истото преку псалмите на омилениот израелски пејач требало и во подоцнежните векови да буди љубов и вера во срцата на Божјиот народ, доведувајќи ги сè поблизу до Оној чиешто срце е полно со љубов и во кого живее сè што поседува животот.

Во убавината и силата на своите млади години Давид се приготвувал да ја преземе положбата меѓу најблагородните на земјата. Своите таленти како драгоцен Божји дар ги користел да ја издигне славата на божествениот Дарител. Имал прилика во тишина да посматра и да размислува, а тоа го збогатило со мудрост и побожност, така што им станал мил и на Бога и на ангелите. Посматрајќи ги совршенствата на Божјите творенија, тој се здобил со појасни поими за Бога. Нејасното е расветлено, пречките се отстранети, привидните противречности се усогласени; а секој зрак на светлина предизвикувал нови излеви на одушевување и на сè поубави фалбоспеви во чест на Бога и Спасителот. Љубовта што го поттикнувала, грижите што го мачеле, успесите што го придружувале - сето тоа било предмет на проучување и на негово постојано сфаќање; кога во настаните од својот живот ја согледувал Божјата љубов, срцето поогнено му чукало во молитва и благодарност, гласот му одекнувал со побогати мелодии, а неговата харфа звучела многу порадосно; така младиот пастир се здобивал со сè поголеми сили и сознанија зашто Божјиот Дух почивал врз него.

63

# ДАВИД И ГОЛИЈАТ

*Оваа глава е заснована на 1. Самоилова 16,14-23 и 17 глава*

Кога царот Саул сфатил дека е отфрлен од Бога и кога ја почувствувал осудата што му ја упатил пророкот, го обзел горчлив очај и незадоволство. Но горделивата царска глава не ја наведнало вистинско покајание. Тој немал јасна претстава за тоа колку гревот е страшен и не се трудел многу да почне подобар живот, туку мрморел тврдејќи дека Божјата неправда го лишила од израелскиот престол и на неговото потомство му го одзела царското наследство. Во мислите постојано ја гледал пропаста што му претстоела на неговиот дом. Сметал дека храброста што ја покажал во борбата со непријателите ќе ги оправда неговите гревови и неговата непослушност. Божјите прекори не ги примил кротко, туку неговиот горделив дух сè повеќе се разочарувал додека не стигнал до работ на лудило. Советниците му препорачувале да земе во служба еден вешт свирач, надевајќи се дека милните тонови на некој пријатен музички инструмент ќе го смират неговиот неспокоен дух. Според Божјето провидение, пред царот го довеле Давида како човек кој одлично знаел да свири на харфа. Неговите возвишени акорди, со небесна инспирација, го имале саканото дејство. Мачните таги што го притискале Сауловиот дух како тежок мрачен облак исчезнале како и да не постоеле.

Кога неговата служба на Сауловиот двор веќе не била неопходна, Давид се враќал кај своите стада и ритчиња, чувајќи ја едноставноста на срцето и однесувањето. А кога би се укажала потреба, повторно го повикувале да му служи на царот, смирувајќи го духот на неспокојниот владетел сè додека не би го напуштил лошиот дух. Иако Саул покажал голема наклоност кон Давида и кон неговата музика, младиот пастир сепак би почувствувал големо олеснение враќајќи се од царската куќа на своите полиња, на ритчињата и на својот пастирски живот.

644 Давид се развивал во милоста и пред Бога и пред луѓето. Бил поучен на патиштата Господови и сега си поставил задача поце-

лосно од кога и да е порано да ја извршува Божјата волја. Имал нови предмети за размислување. Бил на царскиот двор и ја видел одговорноста што го придружува царското достоинство. Открил многу искушенија што го демнеле Сауловото срце и навлегол во многу тајни, во карактерот и во постапките на првиот израелски цар. Видел дека славата на царското достоинство била затемнета со темен облак на грижи и дека Сауловото семејство во својот приватен живот е далеку од среќата. Сето тоа ги вознемирувало мислите на човекот кој бил помазан за израелски цар. Но секогаш кога би се задлабочил во такви размислувања и кога би го притискале мачни мисли, би ја зел харфата и од неа би извлекувал мелодии што го издигнувале неговиот дух кон Творецот на сѐ што е добро, па темните облаци што го засолнувале неговиот видик од иднината веднаш би исчезнале.

Бог на Давида му давал поука за неопходноста од вера и надевање во неговата моќ. Како Мојсеј што бил воспитан за да може да ги изврши задачите што го очекувале, така сега синот на Есеја Господ го приготвувал за водач на својот одбран народ. Пасејќи ги стадата, Давид ја сфатил огромната грижа што ја чувствува големиот Пастир за своите овци.

Осамените ритчиња и дивите клисури каде што се движел Давид со своето стадо биле засолниште на диви ѕверови. Често се случувало од густата шума на Јордан да излезе лав, или во планините да се појави мечка рикајќи од глад и устремувајќи се на стадото. Според тогашните обичаи, Давид од оружје имал само праќа и пастирски стап, а сепак, штитејќи го довереното богатство, од почеток дал доказ за својата сила и храброст. Опишувајќи ги настаните, тој кажува: „Кога се случуваше да дојде лав или мечка и ќе однесеше овца од стадото, јас се пуштав по нив, ги напаѓав и им ја одземав од устата; а ако тие се нафрлеа врз мене, јас ги фаќав за гривата, ги удирав и ги убивав“ (1. Самоилова 17,34.35). Искуството во тој поглед го проверило Давидовото срце и кај него развило храброст, сила и вера.

Дури и пред да биде повикан на Сауловиот двор, Давид се истакнувал со храбри дела. Офицерот што му обрнал на царот внимание на него, рекол: „Тој е храбар јунак и човек борец, убав е и Господ е со него.“ Кога Израелците им објавиле војна на Филистејците, на Сауловата војска ѝ се придружиле и три сина на Есеја, а Давид
останал дома. По извесно време, Давид отишол да ги посети своите 645
браќа. Татко му му заповедал на своите постари браќа да им однесе порака и храна, а и да види дали се живи и здрави. Меѓутоа, Есеј не знаел дека на Давида му била доверена уште една многу поголема

задача. Израелската војска била во опасност и Давида еден небесен ангел го упатил да го избави својот народ.

Приближувајќи се кон војската, Давид слушнал некаква врева како да се води војна. „Војската беше наредена и со извици се готвеше за борба.“ Израелците и Филистејците се поставиле едни спроти други - војска спроти војска. Давид побрзал во логорот, ги нашол и ги поздравил своите браќа. Додека зборувал со нив, пред Филистејците излегол нивниот предизвикувач, Голијат, кој, исмевајќи ги Израелците, побарал од нив од своите редови да му дадат човек кој би се борел со него. Тој овој свој предизвик го повторувал секој ден наутро и навечер. Кога Давид видел дека сите Израелци се исплашиле и кога дознал дека тоа се повторува веќе со денови, а дека никој не се нашол да го замолкне тој дрзок фалбаџија, кај него пламнал дух на борбеност. Горејќи од ревност, одвај чекал да ја одбрани честа на живиот Бог и угледот на својата нација.

Израелската војска била потиштена и обесхрабрена. Војниците зборувале меѓу себе: „Го видовте ли оној човек кој излезе да го навредува Израел?“ Исполнет со срам и срдба, Давид извикнал: „Кој е тој необрезан Филистеец да ја срами војската на живиот Бог?“

Најстариот брат на Давида, Елијав, кога ги слушнал овие зборови, добро ги сфатил чувствата што ја обземале душата на младиот човек. Давид уште како пастир пројавувал смелост, храброст и сила какви што ретко се среќаваат. Таинствената посета на Самоила на домот на нивниот татко и неговото ненајавено доаѓање, кај браќата предизвикале сомневање во врска со вистинската цел на неговата посета. Кај нив се јавила љубомора кога виделе како Давид ужива поголема почит отколку кој било од нив, и не го гледале со онаа почит и љубов што ги заслужувал со својата чесност и братска нежност. Тие во него гледале само обично овчарче, а Елијав во Давидовото прашање видел и прекор поради страшливоста, зашто не се осмелувал да го замолкне филистејскиот џин. Налутено,
646 најстариот брат му рекол: „Зошто си дошол овде и на кого им ги остави оние малку овци во пустината? Ја знам твојата дрскост и злобата на твоето срце: си дошол да видиш битка.“ Решително, но со почит, Давид му одговорил: „Што сум направил? Зар не смее ни збор да се каже?“

Давидовите зборови му биле пренесени на царот и тој го повикал момчето кај себе. Саул зачудено гледал во овчарот додека овој зборувал: „Никој нека не се плаши од оној. Твојот слуга ќе излезе и ќе се бие со Филистеецот.“ Саул се трудел да го одврати момчето од неговата намера, но тоа не дозволило да биде одвратено. Просто и скромно раскажало што преживувало пасејќи ги стадата на својот татко. „Господ, кој ме сочува од лав и мечка, ќе

ме сочува и од овој Филистеец.“ Тогаш Саул му рекол на Давида: „Оди, и Господ нека биде со тебе.“

Четириесет дена цел Израел се тресел пред џиновскиот Филистеец и пред неговото горделиво предизвикување. Срцето им замрзнувало кога ја посматрале неговото огромно тело, виско шест лакти и една педа. На главата имал калпак од бронза, а бил облечен во плочест оклоп, тежок пет илјади сикли. На нозете имал метална заштита. На себе имал оклоп од плочки кои како стругунки на риба густо лежеле една врз друга за никаква стрела ниту копје да не може да ги пробие. На грбот џинот носел огромно копје, исто така од метал. „Копјето му беше како вратло, а шилецот на копјето тежеше шестотини сикли железо; пред него одеше оруженосец.“

Секое утро и секоја вечер Голијат излегувал пред Израелците и гласно извикнувал: „Зошто сте излегле да војувате? Нели сум јас Филистеец, а вие робови Саулови? Изберете си еден човек и нека слезе при мене; ако тој може да се бие со мене и ако ме убие, ние ќе ви бидеме робови; ако пак, јас го победам и го убијам него, вие ќе ни бидете робови и ќе ни служите. Рече уште Филистеецот: ’Денеска ја осрамотив војската Израелова; дајте ми човек ние двајца да се биеме.’“

Иако Саул му дозволил на Давида да го прифати предизвикот
на Голијата, царот имал малку надеж дека Давид ќе успее во својот 647
толку смел потфат. Наредил на младичот да му се даде неговата лична опрема и неговото оружје. На главата му ставиле тежок калпак од месинг, а телото му го обвиле во панцир. Го припашал царевиот меч. Така опремен тргнал напред, но бргу се вратил. Прва мисла на сите што го посматрале била дека Давид решил да не го изложува својот живот на опасност во една толку нерамна битка. Меѓутоа, мислите на младиот и храбар пастир биле далеку од тоа. Кога се вратил кај Саула, молел за дозвола да го одложи сето тоа тешко оружје: „Не можам да одам со него, зашто не сум навикнал.“ Го симнал царското оружје и наместо него зел во рака стап, овчарска торба и својата обична прака. Избирајќи на потокот пет мазни камења, ги ставил во торбата и со праќата во рака се приближувал кон Филистеецот. Голијат храбро истапил очекувајќи да го сретне најголемиот израелски борец. Неговиот момок со оружје одел напред и се чинело дека пред него не може ништо да одолее. Кога се приближил до Давида, видел само младич кој можел да се смета уште за момче. За Давидовото здравје сведочело руменилото на неговото лице, а добро градената тело, незаштитено со оклоп, дејствувало пријатно. Но меѓу неговата младешка става и масивните органи на Филистеецот постоела видлива разлика.

Голијат бил вчудовиден и гневен. „Зар сум јас куче“, извиканл, „па одиш против мене со стап?“ А потоа го опсипал Давида со

најгрозни проклетства на сите богови за кои знаел. Подбивно викнал: „Дојди да им го дадам твоето тело на небесните птици и на полските ѕверови.“

Давид не се уплашил од филистејскиот јунак. Истапил напред и му довикнал на својот противник: „Ти одиш против мене со меч, со копје и штит, а јас пак одам против тебе во име на Господа Саваот, Бог на Израеловата војска што ти ја навредуваш; сега ќе те предаде Господ во мои раце и јас ќе те убијам, ќе ја симнам од тебе твојата глава и ќе им го дадам твојот труп и труповите на филистејската војска на небесните птици и на полските ѕверови, и цела земја ќе дознае дека има Бог во Израел; и сите овие луѓе ќе разберат дека Господ не спасува со меч и со копје, бидејќи тоа е Господова војна и Тој ќе ве предаде во наши раце.“

648 Во гласот му се чувствувал призвук на бестрашност, а на лицето му се забележувал сјај на победа и радост. Сите овие зборови, изговорени со јасен и мелодичен глас, одекнале низ воздухот и допреле до ушите на илјадниците наредени за борба. Голијат до крајност се разјарил. Сиот бесен, тој го повлекол назад шлемот што му го штител челото и се устремил кон својот противник за да му се одмазди. Синот на Есеја се приготвил да го пречека непријателот. „Кога Филистеецот се исправи и почна да се приближува кон Давида, Давид брзо се стрча кон местото на борбата против Филистеецот и бркна со раката во торбата, извади оттаму камен, го фрли со праќата и го удри Филистеецот в чело, така што каменот се заби во неговото чело и тој падна ничкум на земјата.“

Двете војски се вчудовиделе. Сите верувале дека Давид ќе биде убиен, но додека каменот летал низ воздухот право кон својата цел, се видело како силниот воин се тресе и се фаќа за главата како наеднаш да ослепел. Потоа џинот се затетеравил, потклекнал и паднал на земјата како оборен даб. Давид не чекал ниту миг. Потрчал кон телото на Филистеецот и со двете раце го грабнал тешкиот меч на Голијата. Неколку мига пред тоа џинот се фалел како со истиот меч ќе му ја пресече главата на момчето, а неговото тело ќе им го даде на небесните птици. Сега мечот светнал во воздухот и фаленичарската глава се стркалала во песокот. Тогаш од логорот на Израелците се слушнал извик на радост и триумф.

Филистејците ги обзел ужас и во таа забуна прснале во бегство. Од околните ритчиња одекнувале извици на победа кога Евреите се устремиле на своите непријатели; и тие „ги гонеа Филистејците до влезот во долината и до портите на Акарон. И убиваните Филистејци паѓаа по Шааримскиот пат до Гат и Акарон. Откако ги протераа Филистејците, синовите Израелови се вратија и го разграбија нивниот логор. А Давид ја зеде главата на Филистеецот и ја однесе во Ерусалим, а оружјето го стави во својот шатор.“

64

# ДАВИД КАКО БЕГАЛЕЦ 649

*Оваа глава е заснована на 1. Самоилова 18 - 22 глава*

По победата над Голијат, Саул го задржал Давида кај себе, не дозволувајќи му да се врати дома кај татка си. И „душата на Јонатан се приврза со неговата душа, и Јонатан го засака како својата душа". Јонатан и Давид склучиле сојуз да бидат како родени браќа. Царевиот син, „Јонатан, ја сметна својата горна облека, што беше на него, и му ја даде на Давида; исто така и другата своја облека, и својот меч, својот лак и својот појас". На Давида му биле доверени важни одговорности, но тој сепак останал скромен и стекнал наклоност како кај народот, така и кај семејството на царот.

„На сите свои походи, каде што го праќаше Саул, Давид беше среќен, и Саул го постави за поглавар над своите борци." Давид бил верен и претпазлив, па било јасно дека врз него почивал Божји благослов. Повремено Саул ја увидувал својата неспособност да владее над Израел и дека царството би било посигурно кога тој би се здружил со некого што прима упатства од Господа. Саул исто така се надевал дека поврзаноста со Давида за него ќе претставува заштита. Бидејќи Господ на Давида му подарил своја милост и заштита, можело да се очекува неговото присуство за Саула да биде штит кога ќе тргне во војна.

Само Божјето провидение го поврзало Давида со Саула. Давидовиот престој на дворот му овозможил да се здобие со знаење за државните работи и на тој начин да се приготви за својата идна положба. Освен тоа, му било овозможено да стекне и доверба кај народот. Маките и тешкотиите на кои наидувал поради непријателството на Саула, на Давида му укажувале на неговата зависност од Бога и на целосното потпирање врз него. И пријателството на Јонатана било резултат на Божјето провидение за да се заштити животот на идниот владетел на Израел. Во сето тоа Бог го покажувал својот план на милоста како кон Давида така и кон израелскиот народ.

Меѓутоа, љубезноста на Саула кон Давида не траела долго. Кога 650
тој и Давид се враќале од битката со Филистејците, пред нив изле-

гувале „жените од сите израелски градови да го пресретнат царот Саул со песни, игри и радосни извици“. Една група пеела: „Саул победи илјада“, а друга група возвратувала: „А Давид - десетици илјади!“ Во срцето на царот се вовлекол демон на љубомора. Бил бесен што во песните на израелските жени Давид се издигнува над него. Наместо да го задуши тоа чувство на завист, тој ја покажал слабоста на својот карактер, велејќи: „На Давида му дадоа десетици илјади, а мене - илјада; му недостига само царството.“

Голема мана на карактерот на Саула била неговата љубов кон пофалбите. Таа карактерна црта имала пресудно влијание врз неговите постапки и мисли; сè било обележано со стремеж кон пофалба и самоизвишување. Неговото мерило за правдата и неправдата било она ниско мерило на народното одобрување. Секој што се труди да им се допадне на луѓето, во животот нема да биде сигурен како оној што се труди пред сè да стекне Божје одобрување. Во своето честољубие Саул сакал да биде прв меѓу оние што ги почитуваат луѓето, а кога ја слушнал споменатата песна, почувствувал сосем сигурно дека Давид ќе го задобие срцето на народот и дека ќе владее наместо него.

Саул ѝ го отворил срцето на љубомората што му ја отрула душата. Наспроти поуките што ги добил од пророк Самоил, кои зборувале дека Бог ќе ја спроведе својата волја и дека никој во тоа не може да го спречи, царот покажал дека нема вистинско сфаќање за Божјите планови ниту за неговата моќ. Владетелот на Израел својата волја ѝ ја противставил на волјата на Севишниот. За време на своето царување, Саул не научил да го совладува својот дух. Дозволувал сетилните нагони да управуваат со неговиот разум сè додека не потонал во беснилото на страстите. Добивал и напади на срдба и во тие мигови бил во состојба дури да го убие секого што би ѝ се противставил на неговата волја. Од таква состојба запаѓал во состојба на очај и самопрезир. Тогаш би го обземала грижа на совеста.

Тој радо ја слушал Давидовата музика на харфа зашто тоа привремено го ослободувало од лошиот дух. Но еден ден, додека Давид свирел и од својот инструмент извлекувал прекрасни тонови
651 што го придружувале неговиот фалбоспев упатен на Бога, Саул одненадеж фрлил копје кон пејачот со намера да му го оконча животот. Но Бог го спасил Давида, па неповреден побегнал пред јароста на збеснетиот цар.

Колку омразата кон Давида станувала посилна, Саул повеќе барал прилика да го убие, но ниту еден од неговите планови за уништување на Божјиот помазаник не успеал. Саул целосно му се предал на лошиот дух кој владеел со него, а Давид се потпрел врз

Оној кој е силен да избави и мудар да советува. „Стравот Господен е почеток на мудроста“ (Мудри изреки 9,10) и Давид постојано се молел на Бога совршено да живее пред него.

Сакајќи да се ослободи од присуството на својот соперник, Саул „го постави за свој илјаданачалник“... И цел Израел и Јуда го сакаа Давида.“ Народот бргу забележал дека Давид е способен човек и дека сите работи што му биле доверени ги извршувал вешто и мудро. Советите на овој млад човек биле мудри и добро промислени, па без никакво сомнение можеле да се примаат и да се спроведуваат во дело, додека расудувањето на Саула често било несигурно а одлуките немудри.

Иако Саул неуморно демнел чекајќи прилика да го уништи Давида, тој едновремено се плашел од него бидејќи било очигледно оти Господ е со него. Давидовиот беспрекорен карактер предизвикувал гнев кај царот. Му се чинело дека самото Давидово присуство и неговиот живот за него претставуваат укор, зашто споредбата на неговиот карактер со Давидовиот секогаш одела на негова штета. Саул се понижил поради својата завист и станал опасен за својот понизен приврзаник. Колку големи несреќи предизвикала таа карактерна црта во нашиот свет! Во срцето на Саула царувало истото непријателство што го негувал Каин против својот брат Авел затоа што делата на Авела биле праведни и што Бог го ценел, а неговите лоши па Бог не можел да го благослови. Зависта е ќерка на горделивоста и ако ја негувате во своето срце, таа ќе предизвика омраза, а можеби и одмазда и убиство. Сатаната го покажувал својот карактер со тоа што кај Саула разгорувал гнев против оној кој никогаш ништо лошо не му сторил.

Царот строго внимавал на Давида надевајќи се дека ќе најде некаква непромисленост или невнимателност што би можел да ја искористи како изговор да го доведе во немилост. Чувствувал 652
дека за него нема и не може да има мир сѐ додека не му го одземе животот на тој млад човек, а сепак сакал пред народот да остане чист и да не сноси одговорност за своето лошо дело. Затоа за Давида смислил стапица: го поттикнувал да води жестока војна со Филистејците, а едновремено како награда за храброста му ја ветил раката на најстарата ќерка од царското семејство. На тој предлог Давид скромно одговорил: „Кој сум јас, и каков е мојот живот и родот на татко ми во Израел, па да станам царски зет?“ Царот и тука ја покажал својата вероломност, давајќи ја принцезата на друг.

Бидејќи најмладата ќерка на Саула, Михала, била наклонета кон Давида, царот тоа го искористил како нова можност да го уништи својот соперник. Раката на Михала му била понудена на младичот под услов да донесе докази дека уништил одреден број

национални непријатели. „Саул си мислеше: раката на Филистејците ќе се дигне против него“, но Бог го штител својот слуга. Давид се вратил од битката како победник за да стане царев зет. „Но Давида го беше засакала другата Саулова ќерка, Михала“, и јаросниот владетел сфатил дека неговите потфати само го издигнувале оној што требало да го уништат. Му станувало сè појасно дека тоа е човекот за кого Господ кажал оти е подобар од него и дека наместо него ќе владее на престолот на Израел. Сосема отворено му наредил на Јонатана и на дворските службеници да го убијат омразениот младич.

Јонатан му ја доверил на Давида намерата на царот и му кажал да се скрие додека тој не измоли од татка си да му го поштеди животот на ослободителот на Израел. Тој му изложил на царот што сè Давид сторил за да ја спаси честа па дури и животната опстановка на нацијата и колку страшна вина би почивала врз убиецот на човекот со кој Бог се послужил да ги растера нивните непријатели. Совеста на царот била трогната и срцето му смекнало. „И Саул го послуша гласот на Јонатана, и се заколна Саул: ’Господ ми е сведок, Давид нема да умре.’“ Тогаш Давида го изведе пред Саула и тој продолжил да му служи на царот како и порано.

Израел повторно завојувал против Филистејците и Давид ја предводел војската против непријателот. Евреите извојувале голема победа и народот од целото царство ја воспевал мудроста и витешката храброст на Давида. Тоа дало повод кај Саула повторно да се јави огорченост спрема Давида. Еднаш Давид пеел и свирел пред
653 царот, исполнувајќи го дворот со мелодични звуци, кога Саула го обзел бес, па фрлил копје со цел омразениот пејач да го закове за ѕидот; но Божји ангел го променил правецот на смртоносното оружје. Тогаш Давид побегнал од дворот и отишол дома, но Саул пратил по него да го фатат и да го убијат штом изутрината ќе излезе.

Михала го известила Давида за намерата на својот татко. Таа го наговорила да бега за да ја избави душата и го спуштила низ прозорецот така што тој успеал да побегне. Давид побегнал кај Самоила во Рама и пророкот го прифатил бегалецот, не плашејќи се од царевото негодување. Во сушта спротивност со атмосферата на Сауловиот двор, домот на Самоила бил место на вистински мир. Тука, меѓу планини, уважениот Божји слуга го продолжил своето дело. Самоил бил опкружен со пророчки синови кои темелно ја проучувале Божјата волја и со стравопочит слушале поуки од усните на пророкот. Давид тука слушнал драгоцени поуки од учителот на Израелците. Мислел дека трупите на Саула нема да се осмелат да влезат во ова свето место, но за затемнетиот ум на разочараниот цар ниедно место не претставувало светиња. Врската

меѓу Давида и Самоила предизвикала љубомора кај царот, зашто се плашел дека Самоил, кого го почитувал цел Израел како Божји пророк, ќе му дава поддршка на неговиот соперник. Кога царот слушнал каде се наоѓа Давид, пратил гласници да го доведат во Гаваја, каде што планирал да ја изврши својата злосторничка намера.

Гласниците се упатиле со намера да го убијат Давида, но над нив бил некој поголем од Саула. Попатно сретнале невидливи ангели, како некогаш Валам кога се упатил да го проколне Израел. Гласниците почнале да пророкуваат за она што ќе се случи во иднина и да ја објавуваат славата и величеството на Јехова. На тој начин Бог „и човечкиот гнев го пренасочил кон слава себеси“, и ја открил својата моќ да го запре злото. Едновремено својот слуга го опкружил со ангелска заштита.

Веста за тоа стигнала до Саула кој жедно очекувал Давид да му падне в раце; но наместо да ја сфати Божјата опомена, тој уште повеќе се налутил и упатил други луѓе. И нив ги совладал Божјиот Дух па и тие пророкувале заедно со првите. Најпосле царот 654
пратил луѓе и по третпат, но кога и тие дошле до првите, и врз нив слегол Божјиот Дух па со своето пророкување им се придружиле ним. Тогаш Саул решил сам да појде кај Давида, зашто не можел веќе да го совлада своето диво непријателство. Решил во никој случај да не ја одложува и да не ја пропушта приликата Давида да го уништи; имал намера да го убие со своја рака, штом ќе му се приближи, без оглед на тоа колку тешки ќе бидат последиците.

Но на патот го сретнал Божји ангел и го совладал. Божјиот Дух го држел под своја власт и тој го продолжил патот изговарајќи зборови на молитва и пророштво и пеел свети мелодии. Го преткажувал доаѓањето на Месија како Спасител на светот. Кога стигнал пред куќата на пророкот во Рама, ја соблекол наметката што укажувала на неговата општествена положба и, под влијание на божествениот Дух, останал лежејќи пред Самоила и неговите ученици цел ден и цела ноќ. Од сите страни доаѓале луѓе да ја видат необичната сцена и насекаде се прераскажувало доживувањето на царот. Така меѓу Израелците, пред крајот на неговото владеење, повторно кружела изреката: „Зар и Саул е меѓу пророците?“ Така и овојпат е спречена намерата на прогонувачот. Го уверувал Давида дека се измирил со него, но овој немал доверба во царевото каење. Затоа ја искористил можноста повторно да побегне, мислејќи дека расположението на царот пак ќе се измени. Срцето му било рането, па посакал уште еднаш да се види со својот пријател Јонатан. Свесен за својата невиност, го побарал царевиот син и го ословил со трогателни зборови: „Што сторив јас, во што сум виновен, со што

згрешив пред татко ти, та ја бара мојата душа?“ Јонатан верувал дека неговиот татко отстапил од намерата да го убие Давида. Затоа му рекол: „Не, ти нема да умреш; ете, татко ми не прави ништо, ни големо ни мало, а да не ми јави мене. Зошто татко ми би го криел тоа од мене? Нема да се случи тоа.“ По чудесното откровение на Божјата сила, Јонатан не можел да замисли дека татко му би му сторил некакво зло на Давида, зашто тоа би бил очигледен бунт против Бога. Но Давид не бил убеден во тоа. Со сериозен тон му рекол на Јонатана: „Но жив е Господ, и жива е душата твоја - само еден чекор има меѓу мене и смртта.“

Израелците празнувале свет празник „младина“. Таа свеченост требало да се одржи утредента. Очекувале обајцата млади луѓе да се појават на царската трпеза, но Давид не се осмелил да присуствува на ручекот, па се договориле да појде во Витлеем да ги посети 655 своите браќа. На враќање требало да се скрие во полето недалеку од дворецот и три дена да не се појавува пред царот, со цел Јонатан да испита како ќе влијае тоа врз Саула. Во случај царот да праша каде е синот на Есеја, Јонатан ќе одговори дека отишол дома да присуствува на жртвата што ја принесува семејството на татко му. При тоа, ако царот не се налути и ако одговори дека тоа е добро, тогаш Давид може со доверба да се врати на дворот. Но ако тоа царот го разгневи, тогаш е решено Давид да бега.

Првиот ден од празникот царот не правел прашање поради Давидовото отсуство. Но кога неговото место останало празно и вториот ден, царот прашал: „Зошто синот Есеев не дојде на ручек ниту вчера ниту денеска? Јонатан му одговори на Саула: ’Давид измоли од мене да отиде во Витлеем, велејќи: Пушти ме, бидејќи треба да принесеме семејна жртва и брат ми ме покани; ако сум нашол благонаклоност во твоите очи, да отидам и да се видам со моите браќа’; затоа тој не дојде на царскиот ручек.“ Кога Саул ги слушнал тие зборови, кај него пламнал гнев. Рекол оти сè додека Давид е жив, Јонатан не ќе може да седне на израелскиот престол и барал веднаш да му го доведат Давида да го убие. И овојпат Јонатан се зазел за својот пријател, велејќи: „Зошто да се погуби? Што сторил?“ Ова прашање уште повеќе го разјарило царот. Го дофатил копјето наменето за Давида и го фрлил кон својот роден син.

Ожалостен и разочаран, царевиот син се оддалечил, не појавувајќи се веќе на гозбата. Душата му била обземена со болка кога во закажаното време отишол на местото каде што Давид требало да дознае каква намера има царот со него. Се фрлиле еден на друг во прегратка и горко плачеле. Мрачната страст на царот фрлила сенка врз животот на овие млади луѓе и тие не наоѓале зборови да ја изразат својата голема болка. Додека се разделувале, Давид ги

слушнал последните зборови на Јонатана: „Оди си со мир! А тоа што двајцата се заколнавме во името Господово, Господ нека биде сведок меѓу мене и тебе, меѓу моето и твоето потомство довека.“

Царевиот син се вратил во Гаваја, а Давид побрзал во Нов, град 656
оддалечен неколку километри од тука, кој исто така му припаѓал на племето на Венијамина. Во тоа време тука се наоѓал шаторот за состанок кој некогаш бил во Силом, и сега тука служел првосвештеникот Ахимелех. Давид не знаел каде да бега, па побарал засолниште кај Божјиот слуга. Првосвештеникот го сретнал со чудење, зашто дошол набрзина и сам, а на лицето се видело дека е загрижен и уjаден. Го прашал зошто дошол. Младичот постојано се плашел да не го пронајдат, па во својата крајна неволја кажал невистина. Објаснил дека царот го пратил во тајност да изврши некоја задача што не смее да се одлага. Тука покажал дека му недостига вера во Бога и поради тој негов грев првосвештеникот го загубил животот. Кога Давид би ја кажал вистината, Ахимелех би знаел што треба да стори за да му го спаси животот. Бог бара неговиот народ да ја сака вистината и за време на најголемата опасност. Давид побарал од свештеникот пет лебови. Божјиот човек имал само лебови од светињата, но на Давида му пошло од рака да ја смири совеста на свештеникот и да добие леб за да го успокои гладот.

Но тогаш се појавила нова опасност. Старешината над Сауловите пастири, некој си Доик, кој ја примил верата на Израелците, дошол тука да се моли на Бога. Кога Давид го забележал, побрзал да најде некое друго засолниште и да побара какво и да е оружје со кое, во случај на опасност, би можел да се брани. Затоа го замолил Ахимелеха за некаков меч; овој му одговорил дека го има само мечот на Голијата кој е донесен во Светилиштето да се чува како спомен. Тогаш Давид одговорил: „Таков веќе нема; дај ми го.“ Храброста му се вратила кога се добрал до мечот со кој некогаш се послужил да го убие филистејскиот јунак.

Давид побегнал кај Ахиса, царот гатски, зашто мислел дека ќе биде посигурен меѓу непријателите на својот народ отколку во која било Саулова област. Но на Ахиса му било кажано дека Давид е оној човек кој некогаш го убил филистејскиот јунак. Така Давид, барајќи прибежиште меѓу непријателите на Израел, се изложил во голема опасност. За да се спаси, Давид се престорил во луд човек и така успеал да побегне.

Прва Давидова грешка била што во Нов не покажал целосна доверба во Бога, и втора, што го прелагал Ахиса. Давид имал благородни карактерни црти, а благодарение на својата морална 657
вредност, стекнал наклоност кај народот. Меѓутоа, кога се нашол

во искушение, неговата вера се поколебала и тој пројавил човечка слабост. Кај секој човек видел шпион и поткажувач. Во миговите на голема опасност, Давид постојано и со цврста вера гледал во Бога, па Бог му помогнал да го победи филистејскиот џин. Се потпирал врз Бога и одел во негово име. Но кога бил отфрлен и прогонет, неволјата и јадот сториле тој речиси да го загуби од вид својот небесен Отец.

Ова искуство сепак на Давида му помогнало; морал да ја увиди својата слабост и неопходност од постојано потпирање врз Бога. О колку е драгоцено и пријатно влијанието на Божјиот Дух кога доаѓа кај разочараните и потиштени души! Тој кај очајните буди храброст, слабите ги засилува и на искушуваните Божји слуги им дава помош! О каков Бог имаме ние! Тој нежно постапува со заблудените и им го открива своето големо трпение и љубов кога се во неволја или кога душата им ја притиска некој голем јад.

Секој погрешен чекор што ќе го направат Божјите деца, е знак на недостиг на вера. Кога душата ќе ни ја обземе темнина и кога ќе ни затреба видело и Божје водство, мораме да отвориме очи; зад тоа постои светлина. Давид не смеел ниту за миг да се посомнева во Бога. Ги имал сите услови да се потпре врз него: бил Божји помазаник, па и среде најголеми опасности го штителе Божји ангели; бил вооружен со храброст да направи чудесни работи; и, не осврнувајќи се на тешкотиите во кои се нашол, кога своите мисли би ги упатил кон Божјата сила и величество, би можел да најде мир дури и во сенката на смртта; со сигурност можел да го повторува Божјето ветување: „Дури и планините да се поместат, и ридовите да се разнишаат, мојата милост нема да отстапи од тебе и заветот на мојот мир нема да се разниша, вели Господ кој те милува“ (Исаија 54,10).

Прибежиште од прогонствата на Саула Давид побарал во планините на Јудеја. Успеал среќно да се засолни во Одоламската пештера, од каде што било можно дури и со малку луѓе да пружи отпор на цела војска. „А кога слушнаа неговите браќа и сиот дом на неговиот татко, дојдоа таму при него.“ Семејството на Давида не се чувствувало безбедно, знаејќи дека роднинството со Давида ќе предизвика кај Саула неразумен гнев. Го дознале она што морало постепено да се прочуе низ цел Израел, а тоа е дека Бог го избрал
658 Давида за иден владетел на својот народ; затоа сметале дека ќе биде посигурно ако останат со Давида, без оглед што тој е бегалец и што живее во зафрлена пештера, отколку да останат изложени на болниот бес на љубоморниот цар.

Во Одоламската пештера цело семејство се соединило во љубов и слога. Синот на Есеја во придружба на својата харфа можел да пее:

„Колку е убаво и красно кога сите браќа живеат заедно“ (Псалм 133,1). Тој некогаш ја почувствувал сета горчина на недовербата од страна на своите браќа; затоа слогата што дошла сега наместо раздорот го радувала срцето на изгнаникот. Тука Давид го опеал педесет и седмиот псалм.

Набргу на Давида му се придружиле и други луѓе кои сакале да го избегнат царевиот притисок. Мнозина ја загубиле довербата во водачот на Израел, зашто виделе дека веќе не го води Божјиот Дух. „Се собраа околу него сите подјармени, сите должници и сите душевно огорчени, и тој им стана водач; и со него беа околу четиристотини души.“ Тука Давид основал свое малечко царство во кое владееле ред и чесност. Но дури ни во оваа горска пештера Давид не се чувствувал сосема безбедно, зашто постојано добивал докази за тоа дека царот не отстапил од своите крвнички намери.

За своите родители нашол прибежиште кај Моавскиот цар, а самиот тој, откако бил предупреден од еден Божји пророк за опасноста, побегнал од својата пештера во шумата Арет. Искуствата низ кои поминувал Давид не биле бесполезни. Бог му давал поуки кои ќе го оспособат да стане мудар војсководител и праведен и милозлив цар. Со својата група бегалци Давид се приготвил да го преземе делото за кое Саул, поради своите крвнички страсти и слепа љубомора, бил наполно неподобен. Луѓето не можат да ги отфрлаат Господовите совети, а при тоа сепак да ја сочуваат онаа смиреност и мудрост што би ги оспособиле да постапуваат праведно и мудро. Ништо не е толку страшно и толку безнадежно како лудоста што се гледа во тоа кога човекот следи човечка мудрост со која не управува Божјата мудрост.

Саул се приготвувал да го фати Давида во Одоламската пештера, и кога се дознало дека Давид побегнал оттаму, царот многу се налутил. Бегството на Давида за Саула било голема тајна. Тој *659*
тоа себеси можел да си го објасни само така дека во неговиот логор имало предавници кои на синот на Есеја му пренесувале сè.

Ги уверувал своите советници дека против него е скован заговор. Ветувал големи подароци и завидни положби, поткупувајќи ги на тој начин да му оддадат кој од неговите луѓе е пријател на Давида. Тогаш му кажале за Доик Идумеецот. Поттикнат од честољубието и дрчноста, а полн со омраза кон свештеникот кој ги прекорувал неговите гревови, Доик раскажал како Давид го посетил Ахимелеха, претставувајќи ја работата во таква светлина што разгорела гнев кај Саула против овој Божји човек. Зборовите на овој злонамерен човек со пеколен јазик поттикнале најлоши страсти во срцето на Саула. Вон од себе од бес, царот изјавил дека целото семејство на свештеникот мора да биде убиено. Страшната

наредба веднаш е извршена. Не само Ахимелех, туку и сите членови на семејството на неговиот татко - „осумдесет и пет луѓе кои носеа ленен плеќник“ тогаш го загубиле животот по наредба на царот и тоа од рацете на убиецот Доик.

„Го уништи свештеничкиот град Нов со остар меч, убивајќи ги сите мажи и жени, деца и доенчиња, говеда, магариња и овци.“ Ете што можел да стори Саул кога сатаната загосподарил над него. Кога Бог рекол дека лошите дела на Амалиците ја надминале мерката и кога му наредил потполно да ги истреби, тој од божемно сожалување не можел да ја изврши Божјата наредба, па го поштедил она што било одредено да се уништи; а сега, без никаква Божја заповед, под водство на сатаната, можел да ги убие Господовите свештеници и да им направи толку големо зло на жителите на Нов. Толку е голема расипаноста на човечкото срце кое го одбива Божјето водство.

Тој настан сите Израелци ги исполнил со ужас. Тоа недело го сторил царот што го избрале тие. Го правел истото она што го правеле и царевите на другите народи кои не се боеле од Господа. Ковчегот на заветот бил меѓу нив, но свештениците кои ги советувале биле убиени со меч. Што можело да се очекува потоа?

65

# ВЕЛИКОДУШНОСТА НА ДАВИДА

*Оваа глава е заснована на 1. Самоилова 22,20-23 и 23 до 27 гл.*

По свирепото убиство на Господовите свештеници од страна на Саула, „се спаси само еден од синовите на Ахимелеха, синот на Ахитов, по име Авијатар, кој побегна при Давида.

Авијатар му раскажа на Давида како Саул ги уби свештениците Господови. А Давид му рече на Авијатара: ’Јас знаев оној ден, кога таму беше Доик Идумеецот, дека тој бездруго ќе му јави на Саула; јас сум виновен за сите души на домот на твојот татко. Остани при мене, не плаши се, зашто како што ја бара мојата душа, ќе ја бара и твојата; ти ќе бидеш кај мене под заштита“ (1. Самоилова 22,20-23).

Царот постојано го гонел Давида, така што овој никаде не можел да најде место на кое би бил мирен и спокоен. Градот Кеил го ослободил од опасноста што му се заканувала од страна на Филистејците, но со своите луѓе не се чувствувал безбеден дури ни меѓу оние што ги ослободил. Од Кеил се повлекле во пустината Зиф.

Во тоа време, кога на Давидовата патека имало мошне малку светли настани, пријатно го изненадила неочекуваната посета на Јонатана, кој дознал каде се крие Давид. Тоа биле драгоцени мигови што овие двајца пријатели ги поминале заедно. Раскажувале за своите многубројни доживувања и Јонатан го храбрел Давида велејќи: „Не плаши се, зашто раката на татко ми Саул нема да те најде, и ти ќе царуваш над Ираел; а јас, пак, ќе бидам втор до тебе; и татко ми Саул го знае тоа.“ Тој разговор за чудесните Божји патишта многу го охрабрил прогонетиот бегалец. „Тогаш склучија меѓу себе сојуз пред лицето на Господа; и Давид остана на горите, а Јонатан отиде дома.“

Кога Јонатан си заминал, Давид ја крепел својата душа со пофални песни придружувајќи ги на харфа: 661

*„Јас имам доверба во закрилата на Господа!*
*Како, тогаш, ми велите:*

*Одлетај си како птица во својата гора.*
*Зашто, ете, безбожниците лакот го затегаат,*
*Стрелите на тетивите ги местат,*
*Праведникот од заседа да го прострелаат!*
*Кога се урриваат темелите на правдата,*
*Што може да прави праведникот?*
*Господ е во светиот свој храм,*
*Господ е на својот небесен трон.*
*Човечкиот род со очи го набљудува и со поглед го испитува.*
*Господ го испитува праведникот, а од дното на душата го мрази злосторникот и насилникот.“*

Псалм 11,1-5

Зифеите, во чиишто диви области Давид се засолнил бегајќи од Кеил, му пратиле извештај на Саула во Гаваја дека знаат каде е Давид и дека ќе го одведат царот до неговото засолниште. На Давида му обрнале внимание на нивните намери, па го променил местото барајќи прибежиште во планините меѓу пустината Маон и Мртвото Море.

Повторно на Саула му е упатена вест: „Ете, Давид е во пустината Ен-Гад.“ Давид имал сè на сè шестотини луѓе со себе, додека Саул повел против него војска од три илјади војници. Во една осамена пештера синот на Есеја со своите луѓе очекувал Божји упатства. Кога Саул навлегол во планините, застанал и наполно сам влегол токму во онаа пештера во која биле скриени Давид и неговите луѓе. Кога го виделе тоа Давидовите луѓе, го навалиле Давида да го убие Саула. Фактот што царот сега бил во нивна власт го сметале за сигурен доказ дека сам Бог им го предал непријателот во раце за да го уништат. Давид се нашол во искушение и самиот работата да ја посматра од исто становиште, но гласот на совеста му зборувал: „Не дигај своја рака против Господовиот помазаник.“

Давидовите луѓе сепак не се согласиле да го остават Саула на мир. Го потсетиле својот заповедник на Божјите зборови: „Ете, јас ќе го предадам твојот непријател во твои раце и ќе сториш со него што ти е угодно.“ Но подоцна го мачела совеста дури и поради тоа што ја оштетил облеката на царот.

662 Саул се дигнал и излегол од пештерата да продолжи со трагањето кога слушнал глас што го повикувал: „Царе, господаре!“ Свртувајќи се да види кој го вика, видел дека тоа бил синот на Есеја, токму оној човек кого што тој веќе толку долго го бара да го убие. Давид се поклонил пред царот, го признал за свој господар, а потоа гоословил со следните зборови: „Зошто ги слушаш луѓето кои

ти велат дека Давид за тебе сонува пропаст? Ете, токму денеска твоите очи можеа да видат како Господ те предаде во мои раце во оваа пештера. Ми рекоа да те убијам, но јас те поштедив и си реков: ’Нема да кренам раце на мојот господар зашто е Господен помазаник.’ Татко, погледни го и види го скутот од својата наметка во моја рака; го пресеков скутот од твојата наметка, а тебе не те убив; познај и види дека во мене нема ни злоба ниту опакост, а ти демнеш над мојот живот да ми го земеш.“

Кога ги ислушал Давидовите зборови, Саул се скршил и не можел да не ја признае нивната вистинитост. Неговите чувства биле длабоко поттикнати кога сфатил дека целосно бил под власт на човекот што сакал да го убие. Давид стоел пред него свесен за својата невиност. Со смирен дух, Саул проговорил: „Ти си поправ од мене, зашто ти ми врати добро за злото што ти го сторив јас тебе ... Кој, кога ќе го најде својот непријател, ќе го пушти здрав и жив? Господ нека ти врати добро за она што ми го стори ти мене денеска. Сега бездруго знам дека ти ќе бидеш цар и царството Израелово ќе биде силно во твоите раце.“ Тогаш Давид склучил завет со Саула дека, кога ќе стане цар, милозливо ќе постапува со Сауловиот дом и дека нема да му го сотре името.

Имајќи го на ум однесувањето на Саула во минатото, Давид не можел да се потпре врз ветувањата на царот ниту да се надева дека неговата покајничка состојба долго ќе потрае. Затоа Давид, по Сауловото заминување, и понатаму останал во планинските засолништа.

Непријателството што го негуваат против Божјите слуги луѓето кои му се предале на сатаната понекогаш преминува во чувство на помирливост и наклоност, но таа промена не е секогаш трајна. Луѓето наклонети кон зло, кои зборуваат лошо за Божјите слуги и им прават неправда, понекогаш ги обзема длабоко убедување *663*
дека биле неправедни. Духот Господен се бори со нив и тие стануваат кротки пред Бога и пред оние чиешто влијание сакале да го уништат, и можат дури да го изменат своето однесување кон нив. Но штом ќе им ја отворат вратата на лошите дошепнувања, старите сомнежи се будат, старото непријателство пак се јавува и тие повторно го прават она за што се каеле и што извесно време го напуштиле. Повторно зборуваат зло за оние на кои понизно им го признале гревот и ги обвинуваат на најогорчен начин. Со таквите души сатаната може да завладее со многу поголема сила од порано, зашто продолжиле да грешат и при многу поголемо видело.

„И Самоил умре. Тогаш се собраа сите Израелци, го оплакаа и го погребаа во неговото родно место, во Рама.“ Израелскиот народ смртта на Самоил ја примил како ненадоместлива загуба.

Смртта го прибрала во своите пазуви големиот и добар пророк и извонреден судија; болката на целиот народ била длабока и искрена. Самоил уште од своето детство стоел пред Израел со чисто срце. Иако Саул бил признат цар, Самоил имал поголемо влијание од него, зашто животот му бил обележан со верност, со послушност и преданост. Читаме дека тој во текот на целиот свој живот им судел на Израелците.

Споредувајќи го однесувањето на Саула со она на Самоил, народот увидел колку голема била грешката што барале цар само затоа да не се разликуваат од другите народи наоколу. Мнозина со страв го посматрале сè поголемото безбоштво и лажната вера што се ширела среде народот. Примерот на нивниот владетел вршел силно влијание и колку Израелците да го жалеле Господовиот пророк Самоил, него веќе го немало.

Народот го загубил основачот и управителот на своите верски школи; но тоа не било сè. Го загубиле човекот кај кого народот доаѓал за совет кога би се нашол во голема неволја, кај човекот кој секогаш се заземал пред Бога за интересите на својот народ. Посредувањето на Самоил секогаш влевало чувство на сигурност, „зашто постојаната молитва на праведникот може многу да помогне“ (Јаков 5,16). Народот чувствувал како Бог да го напуштил. Царот се чинело дека бил на работ на лудило. Правдата е извртувана, а редот се претворил во збрка.

664 Токму во времето кога народот го разјадувале внатрешни несогласија, а мудриот и богобојазлив совет на Самоил бил најпотребен, Бог својот стар слуга го повикал на починка. Горчливи мисли го обземале народот додека стоел крај неговиот гроб и размислувал за својата лудост што го отфрлиле него како народен водач, а тој бил во толку близок допир со небото, што се чинело дека цел Израел го врзува со престолот на Јехова. Самоил бил тој кој ги учел да го љубат Бога и да му се покоруваат; а сега, по неговата смрт, народот чувствувал дека е препуштен на милост и немилост на царот кој се здружил со сатаната и кој нацијата потполно ќе ја одвои од Бога и од небото.

Давид не можел да присуствува на погребот на Самоил, но го жалел толку длабоко и искрено, како што може само еден верен син да го сака омилениот татко. Тој знаел дека смртта на Самоил значи попуштање на уште една стега што Саула барем донекаде го зауздувала, па се чувствувал уште понесигурен отколку тогаш кога пророкот бил жив. Додека Саул бил зафатен со тагување околу смртта на Самоил, Давид ја искористил приликата да побара посигурно место каде што ќе се засолни и побегнал во пустината Фаран. Таму ги опеал псалмите 120 и 121. Во таа пуста дивина,

размислувајќи за смртта на пророкот и за непријателството на царот, Давид пеел:

*„Мојата помош доаѓа од Господа,*
*Којшто ги создаде небото и земјата.*
*Тој нема да дозволи ногата да ти се подлизне;*
*Не, нема да задреме Тој што бдее над тебе!*
*Никогаш не дрема и не спие*
*Тој што бдее над Израел!*
*Господ бдее над тебе,*
*Господ ти е заклон оддесно:*
*Сонцето нема да ти наштети дење,*
*Ниту Месечината ноќе.*
*Од секакво зло ќе те чува Господ,*
*Тој ќе бдее над твојот живот!*
*Господ ќе биде над твоето излегување и враќање*
*Отсега и довека!“*

Псалм 121,2-8

За време на својот престој во пустината Фаран, Давид со своите луѓе ги штител од разбојници стадата на еден имотен човек кој се викал Навал; тој човек имал голем имот. Навал бил потомок на Халева, но по природа бил груб и себичен.

Тоа се случило во времето кога се стрижат овците и кога била вистинска прилика за укажување на гостопримство. Давид со своите луѓе бил во голема неволја бидејќи имал недостиг од животни
намирници; во сообразност со тогашните обичаи, синот на Есеја 665
пратил десет свои луѓе кај Навала да го поздрават во негово име и да му кажат: „Мир тебе, мир на твојот дом, мир на сѐ што е твое! Денес чув дека ти ги стрижат овците; ете, твоите овчари беа со нас, и ние не им нанесовме никаква неправда, и ништо кај нив не се загуби за сето тоа време додека стоеја на Кармил; прашај ги своите слуги и тие ќе ти кажат; затоа нека најдат момците благонаклоност во твоите очи, бидејќи во добар ден дојдовме; дај им на твоите слуги и на твојот син Давид нешто од она што ти се наоѓа при рака.“

Давид со своите луѓе претставувал за стадата на Навала еден вид заштитен ѕид; и сега го замолил тој богаташ да издели нешто од својот вишок за да им ги олесни потребите на луѓето кои му направиле толку драгоцени услуги. Давид и неговите луѓе сами можеле да земат од стадото колку што им било потребно, но тие

тоа не го сториле. Се однесувале чесно. Меѓутоа, Навал не ја ценел нивната добрина. Неговиот одговор на Давида најјасно зборувал за неговиот карактер: „Кој е тој Давид, кој е тој син Есеев? Сега има многу слуги кои бегаат од своите господари; зар да го земам својот леб и својата вода, своето вино и месото што сум го приготвил за стрижачите на овците и да им го дадам на луѓе што не ги знам од каде се?“

Кога луѓето се вратиле со празни раце и му пренеле на Давида што им било кажано, Давида го опфатила јарост. Им наредил на своите луѓе да се приготват за борба; решил да го казни човекот кој одбил да му го даде она што имал право да го побара и кој кон неправдата додал и навреда. Таа брза одлука повеќе му одговарала на Sауловиот карактер отколку на Давидовиот, но синот на Есеја сè уште морал да се учи на трпение во школата на патилата.

Откако ги отпуштил Давидовите слуги, еден од слугите на Навала отишол кај неговата жена, Авигеја, и ѝ кажал сè што се случило: „Ете, Давид прати од пустината пратеници да го поздрават нашиот господар, но тој се однесе кон нив грубо; а тие луѓе се многу добри кон нас, не нè навредуваа и ништо не се загуби кај нас сè додека одевме со нив, додека бевме во полето; тие беа за нас
666 како ѕид и дење и ноќе за сето време додека ги пасевме стадата близу нив; затоа размисли и види што да се прави, бидејќи неизбежна несреќа му се заканува на нашиот господар и на целиот негов дом.“

Без да се договори со мажот, па дури и без да му ја каже својата намера, Авигеја собрала голема резерва на животни намирници, наредила тоа да се натовари на магарињa и го пратила по слуги, а самата пошла по нив во пресрет на Давида и на неговите луѓе. Ги сретнала во една шумичка. „Штом Авигеја го виде Давида, брзо слезе од магарето, падна ничкум пред Давида и се поклони до земја. И, паѓајќи пред неговите нозе, му рече: ’Врз мене да е гревот, господару мој; дозволи ѝ на твојата робинка да ти говори и чуј ги зборовите на твојата робинка.’“ Авигеја му се обратила на Давида со исто толкава почит како да зборувала со некаков крунисан владетел. Додека Навал зборувал „кој е Давид?“, Авигеја го нарекувала „господар“. Со пријателски зборови настојувала да ги стивне неговите повредени чувства и да ја исправи неправдата што му ја нанел нејзиниот маж. Без никакво фалење или гордост, туку полна со мудрост и со Божја љубов, Авигеја признала колку е приврзана кон своето семејство и му објаснила на Давида дека нечовечното однесување на нејзиниот маж воопшто не значи дека тој има нешто лично против него, туку дека тоа бил обичен излив на несреќната и себична природа на Навала.

„И сега, господару мој, да е жив Господ и жива да е твојата душа! Господ нема да дозволи да пролеваш крв, а ќе ја задржи твојата рака да не се одмаздуваш; и нека бидат како Навал твоите непријатели и оние што мислат лошо за мојот господар.“ Авигеја сите овие зборови со кои се обидела да го одврати Давида од неговите намери му ги припишувала на Бога и на неговата слава, а не себеси. Затоа им ги предала богатите резерви што ги приготвила на Давидовите слуги како жртва на помирување, па и понатаму молела како таа лично да го предизвикала гневот на нивниот водач.

„Прости ѝ ја вината на својата робинка; Господ бездруго ќе му изгради на мојот господар цврст дом, зашто мојот господар води Господови војни, и во текот на целиот твој живот зло нема да се најде во тебе.“ Авигеја на убав начин му укажала на Давида што треба да прави. Треба да ги води Господовите војни. Не смее да жеднее за одмазда поради лична навреда, па макар да го прогонуваат како предавник. Потоа продолжила: „Ако некој се дигне да 667
те прогонува и да ја бара твојата душа, животот на мојот господар нека биде скриен во ковчегот на животот кај Бога ... И кога Господ ќе му го исполни на мојот господар сè она што му го ветил, и кога ќе те постави за водач на Израел, тогаш нема да носиш товар на себе ниту грижа на совеста за напразно пролеана крв и за остварување на правда со своја рака. И кога Господ ќе му го стори тоа добро на мојот господар, тогаш спомни си за својата слугинка“ (1. Самоилова 25,29-31).

Такви зборови можеле да потечат само од усните на лице што примило мудрост озгора. Побожноста на Авигеја се чувствувала како мирис од цвеќе, потполно несвесно во изразот на нејзиното лице, во нејзините зборови и движења. Во нејзината душа престојувал Духот на Божјиот Син. Нејзините зборови, полни со милост, со добрина и мир, имале небесно влијание. Давида го опфатиле подобри чувства и тој затреперил при помислата на последиците што би можел да ги има неговиот непромислен потфат. „Блазе на оние што градат мир, зашто ќе се наречат синови Божји“ (Матеј 5,9). Бог нека даде да има повеќе такви каква што била оваа Израелка, такви кои ги стивнуваат возбудените чувства, ги спречуваат непромислените постапки и со смирувачки зборови на вистинска мудрост отстрануваат големо зло.

Посветениот христијански живот секогаш шири светлина, утеха и мир. Негови обележја се чистота, тактичност, едноставност и полезност. Со нив управува онаа несебична љубов која го посветува неговото влијание. Таквиот живот е исполнет со Христов Дух и остава светли траги зад себе секаде каде што се движи човекот што го поседува. Авигеја била мудар учител и советник. Давидовиот

гнев исчезнал под влијанието на нејзините зборови. Се уверил дека не постапил мудро и дека ја загубил власта над својот дух.

Со кротко срце го примил прекорот, што било во сообразност со неговите зборови: „Тебе, Господе, те призивам и велам: 'Праведник нека ме удри - тоа е љубезност за мене; нека ме искара - тоа е мирисно миро за мојата глава и нема да го одбијам!'" (Псалм 141,5). Тој ѝ благодарел и ја благословувал што на исправен начин го предупредила. Има многу луѓе кои, кога ќе бидат укорени, себеси се сметаат за достојни за пофалба затоа што укорот го примиле без навреда; но малку има такви кои искрено им се благодарни на оние кои ги исправаат и сакаат да ги одвратат од лоши постапки.

Кога Авигеја се вратила дома, го затекла Навала и неговите гости како уживаат во голема свеченост што ја претвориле во
668 оргијање. Дури следниот ден изутрина му раскажала на својот маж што се случило кога се сретнала со Давида. Навал бил кукавица и кога слушнал како својата лудост можел да ја плати со главата, како гром да го погодил и се парализирал. Од страв дека Давид сепак нешто ќе преземе за да му се одмазди, наполно го загубил присуството на духот и потонал во состојба на беспомошна нечувствителност. По десет дена умрел. Животот што му го дал Бог бил само проклетство за луѓето. Затоа Бог среде неговото пирување и веселба му рекол како и на оној богаташ во споредбата: „Оваа ноќ ќе ја земам твојата душа од тебе" (Лука 12,20).

Подоцна Давид се оженил со Авигеја. Тој веќе бил женет, но обичаите во тоа време влијаеле врз неговото расудување и неговите постапки. Дури и големите и добри луѓе грешеле што се придржувале кон световните обичаи. Давид во целиот свој живот ги чувствувал горките последици на многуженството.

По смртта на Самоил, Давид уживал мир само неколку месеци. Повторно се повлекол во самотија меѓу Зифеите; меѓутоа, надевајќи се дека ќе ја задобијат царевата наклоност, овие луѓе го известиле царот за местото каде што се криел Давид. Таа вест повторно го поттикнала демонот на страстите што извесно време мирувал во Сауловите гради. Повторно ги собрал своите борци и се упатил да го гони Давида. Но пријателите го известиле синот на Есеја дека Саул пак тргнал против него. Тогаш Давид со неколку свои луѓе пошол да види каде се наоѓа неговиот непријател. Била ноќ и тие, претпазливо напредувајќи, наишле на логорот; го виделе шаторот каде што спиел царот и шаторите на неговите придружници. Никој не ги забележал, зашто сите во логорот спиеле со длабок сон. Давид ги повикал своите луѓе да појдат во самото средиште на непријателот. Кога прашал: „Кој ќе слезе со мене кај Саула во логорот?", Ависај веднаш одговорил: „Јас ќе слезам со тебе."

Криејќи се во мрачните сенки на ритчињата, Давид и неговиот придружник незабележано влегле во логорот на непријателот. Кога сакале да утврдат колку непријатели има на горката, наишле на Саула кој спиел. Неговото копје било забодено во земјата, а чашата му стоела до главата. Крај него лежел неговиот главен војвода, Авенир, а насекаде околу нив војниците што спиеле со длабок сон. Ависај го подигнал своето копје и му рекол на Давида: „Денес Господ го предаде твојот непријател во твои раце; затоа дозволи да го приковам со копје за земјата само еднаш - не повеќе.“ 671
Чекал одобрение, но до неговото уво допрел шепот. „Не убивај го, зашто кој кренал рака на помазаник Господов и останал неказнет? ... Господ ќе го убие или ќе дојде неговиот ден да умре, или ќе отиде во војна и ќе загине; а мене да не ми даде Господ да кренам рака на помазаникот Господов. Туку земи го неговото копје што е до неговата глава и садот за вода, па да си одиме. Давид го зеде копјето и садот за вода при главата на Саула и си отидоа; и никој не виде, ниту некој дозна ниту се разбуди, зашто сите спиеја, бидејќи ги беше обзел сон од Господа.“ Колку му е лесно на Господа силниот да го направи слаб, на мудриот да му ја одземе мудроста и да ги обезвреди вештините на најостроумниот!

Кога се оддалечил доволно од логорот, Давид се искачил на врв на едно ритче и повикал кон народот и кон Авенира со силен глас: „Нели си ти маж (Авенире), и кој е рамен на тебе во Израел? Зошто тогаш не го чуваш својот господар, царот? Бидејќи отиде еден од народот да го убие твојот господар, царот. Ти лошо правиш; жив да е Господ, вие заслужувате смрт поради тоа што не го чувате својот господар, помазаникот Господов. Види, каде е копјето на царот и садот за вода што беа при неговото зглавје? И Саул го позна гласот на Давида и рече: ’Твојот глас ли е тоа, сине мој Давиде?’ И Давид рече: ’Мојот глас е, господару мој, царе.’ И рече уште: ’Поради што мојот господар го гони својот слуга? Што сум направил? Какво зло најде на мене? А сега мојот господар и цар нека ги ислуша зборовите на својот слуга.’“ И повторно од усните на царот излегло признание: „Јас згрешив, врати, се сине мој, Давиде, зашто нема веќе да ти правам зло, бидејќи денес душата ми беше скапа во твоите очи; безумно постапував јас и многу, многу згрешив. Давид му одговори и рече: Еве го копјето на царот; нека дојде еден младич и нека го земе.“ Иако царот ветил „нема веќе да ти правам зло“, Давид не му верувал.

Тоа што Давид и по вторпат му го поштедил животот на својот господар оставило уште подлабок впечаток врз Сауловиот дух и го поттикнало уште поскршено да ја признае својата грешка. Пројавата на толкава добрина го изненадила и го скршила. Разделу- 672

вајќи се со Давида, извикнал: „Благословен да си сине мој Давиде! Ти ќе го извршиш она што си го почнал и бездруго ќе победиш." Но синот на Есеја не можел да се надева на едно такво трајно расположение од страна на царот.

Давид се сомневал дека некогаш ќе настапи помирување со Саула. Му изгледало неизбежно дека на крај ќе падне како жртва на лошиот карактер на царот и решил повторно да побара прибежиште во филистејската земја. Со своите шестотини луѓе преминал кај гатскиот цар, Ахис.

Не прашувајќи го Бога за совет, Давид заклучил дека Саул сигурно ќе ја изврши својата убиствена намера. Меѓутоа, дури и кога Саул го гонел и се обидувал да го уништи, Господ настојувал да му го обезбеди царството. Бог ги извршува своите планови, иако тие за човечкото око може да изгледаат обвиени со тајна. Луѓето не можат да ги сфатат Божјите патишта и, гледајќи го она што се гледа, сите маки и искушенија што ги дозволува Бог ги толкуваат како нешто што е насочено против нив и што ќе им послужи само на пропаст. Така и Давид го гледал она што се гледа, а не Божјите ветувања. Се сомневал дека кога било ќе се добере до престолот. Долгите искушенија ја заморувале неговата вера и го исцрпувале неговото трпение.

Господ не го пратил Давида да бара заштита кај најогорчените непријатели на Израел - Филистејците. Токму тој народ на крај ќе му биде најголем непријател, а сепак, кога имал неволја, побегнал кај нив од нив да побара помош. Бидејќи ја загубил довербата во Саула и во оние што му служеле, им се предал на милост и немилост на непријателите на својот народ. Давид бил храбар војсководител и се покажал како мудар и успешен борец, но преминувајќи кај Филистејците, работел токму против своите сопствени интереси. Бог одредил тој да го издигне неговото знаме во земјата на Јуда, но недостигот од вера го навел без наредба од Господа да го напушти местото каде што требало да ја изврши таа должност.

Со своето неверство Давид го обесчестил Бога. Филистејците повеќе се плашеле од Давида отколку од Саула и од сета негова војска. Со тоа што побарал заштита кај Филистејците, Давид ја оддал слабоста на својот сопствен народ. Со тоа ги охрабрил овие неуморни непријатели да го угнетуваат Израел. Давид бил помазан да го брани Божјиот народ; Бог не сака неговите слуги да ги охрабруваат безбожниците откривајќи им ги слабостите на
673 својот народ или оставајќи впечаток дека не им е грижа за неговата благосостојба. Освен тоа, тој кај своите браќа создал впечаток дека отишол кај незнабошците за да им служи на нивните богови. Со својата постапка дал повод неговите намери погрешно да се тол-

куваат, а кај мнозина однапред предизвикал нерасположение кон себе. Го сторил токму она што го сакал сатаната, зашто, пребегувајќи кај Филистејците, тој предизвикал кај Божјите непријатели и непријателите на Божјиот народ одмазвничка радост. Давид не престанал да му служи на Бога ниту попуштил во ревноста за неговото дело; но довербата во Бога ѝ ја жртвувал на личната безбедност и со тоа го извалкал исправниот и верен карактер што се бара од Божјите слуги.

Филистејскиот цар срдечно го примил Давида. Топлината на тој прием делумно можела да му се припише на фактот што царот му се восхитувал, додека од друга страна, на царевата суета му ласкало тоа што еден Евреин дошол кај него да побара заштита. Во областите на Ахиса, Давид се чувствувал безбеден во врска со предавството. Го довел своето семејство и ги донел сите свои работи, а тоа го сториле и неговите луѓе; се чинело дека имал намера постојано да се настани во филистејската земја. Сето тоа му ласкало на Ахиса и тој ветил дека сите прогонети Израелци ќе ги земе под заштита.

Кога Давид го замолил царот да му одреди место во кое ќе може постојано да живее и тоа да биде подалеку од престолнината, царот милозливо му го дал Сиклаг. Давид увидел дека за него и за неговите луѓе било опасно да бидат под влијание на идолопоклониците. Во градот кој бил потполно изделен за нив можеле послободно да го слават Господа отколку да останале во Гат, каде што незнабожечките обреди би им биле само извор на зло и немир.

За време на својот престој во тој град, Давид војувал против Гесуреите, Гергесеите и Амалиците и никого не го оставал жив да отиде во Гат за да јави што се случило. Секогаш кога се враќал од бој, му јавувал на Ахиса дека се борел против својот народ, против Јудејците. Поради своето преправање, тој станал средство за засилување на Филстејците и царот велел: „Тој стана намразен од својот народ Израел и ќе ми биде слуга засекогаш.“ Давид знаел дека Божја волја била тие незнабожечки племиња да се истребат и дека тој бил одреден да го стори тоа но, лажејќи ги Филистејците, не постапувал според Божјиот совет.

„Во тоа време Филистејците ги собраа своите војски за да војуваат против Израел. А Ахис му рече на Давида: ’Знај дека и ти и твоите луѓе ќе тргнете со мене во борба.’“ Давид немал намера да дига рака против својот сопствен народ. Меѓутоа, не знаел што да прави сè додека околностите не му укажале на должноста. Затоа му одговорил на царот, преправајќи се: „Сега ќе видиш што ќе стори твојот слуга.“ Ахис тие зборови ги сфатил како ветување дека Давид во претстојната битка ќе му помогне, па му се закол- 674

нал дека ќе му укаже чест и на филистејскиот двор ќе му подари висока положба.

Но иако Давидовата вера во Божјите ветувања во извесна мера попуштила, сè уште имал на ум дека Самоил го помазал за израелски цар. Си спомнал за сите победи што му ги подарил Господ во минатото над непријателите. Повторно ја согледал големата Божја милост што го штитела од рацете на Саула, па решил да не го предаде својот свет позив. Иако Израеловиот цар барал да го убие, тој своите сили сепак не сакал да ги соедини со војската на непријателот на својот народ.

66

# СМРТТА НА САУЛА

*Оваа глава е заснована на 1. Самоилова 28 и 31 глава*

Повторно избила војна меѓу Филистејците и Израелците. „Филистејците се собраа и се улогорија кај Суним“, на северниот крај на Езраелската рамнина. Саул со својата војска се улогорил на неколку километри оттаму во подножјето на планината Гелвуја, на јужниот крај од истата рамнина. Во таа рамнина некогаш Гедеон само со триста луѓе ја натерал во бегство целата мадијанска војска. Но чувствата што го исполнувале срцето на овој израелски ослободител многу се разликувале од оние што сега го обземале царот. Гедеон тргнал полн со вера во силниот Бог на Јакова, а Саул се чувствувал осамен и незаштитен, зашто Бог го напуштил. Забележувајќи ја филистејската војска, „се уплаши и срцето силно му затрепери“ (1. Самоилова 28,5).

Саул дознал дека Давид со своите луѓе е кај Филистејците и очекувал синот на Есеја да ја искористи таа можност да се одмазди за сите неправди што му се сторени. Царот бил многу загрижен. Неговата неразумна страст го гонела да го убие Господовиот избраник и со тоа целата нација ја довел во голема опасност. Наполно проникнат со мисла за прогонство на Давида, ја занемарил одбраната на своето царство. Филистејците ја искористиле таа невнимателност и навлегле дури до централните делови на земјата. И така, додека сатаната го поттикнувал Саула својата сила да ја употреби за прогонување на Давида, истиот тој лош дух дејствувал и врз Филистејците да ја искористат поволната прилика - да го уништат Саула и да го покорат Божјиот народ. Колку често праисконскиот непријател се служи со истото лукавство. Тој ги поттикнува луѓето со непосветено срце во заедницата да предизвикаат завист и кавги, а потоа ја користи разединетоста на Божјиот народ преку своите орудија да го уништи.

Следниот ден Саул требало да се впушти во битка со Филистејците. Веќе околу него се пластеле темни облаци на претстојната 676

пропаст; тој копнеел за помош и водство. Меѓутоа, од Бога попусто барал совет. „Но Господ не му одговори ниту на сон, ниту преку урим ниту преку пророк.“ Господ никогаш не одбил ниту една душа која му се обратила искрено и со скршено срце. Тогаш зошто не му одговорил на Саула? Царот сам со своите постапки ги проиграл сите можности за обраќање на Бога. Го отфрлил советот на пророкот Самоил; го протерал Божјиот избраник, Давида, и ги убил Господовите свештеници. Зар тогаш можел да очекува одговор од Бога кога сам ги прекинал сите патишта што го поврзуваат човекот со небото? Згрешил против Духот на милоста и зар тогаш можел да добие одговор на сон или со Господово откровение? Саул не му се обратил на Бога понизно и со покајание. Тој не се молел за проштавање на гревот и за помирување со Бога, туку за ослободување од своите непријатели. Тој сам се оддалечил од Бога со својата тврдоглавост и бунт. Кај Бога можел да се врати само со покајание и понизност. Меѓутоа, горделивиот цар и во својот страв и очај решил помош да побара на друг извор.

„Барајте ми жена со вражарски дух да отидам кај неа и да ја прашам.“ Саул мошне добро знаел што значи да се прашуваат мртвите. Господ тоа изрично го забранил и за секого што се занимава со таа недостојна вештина била предвидена смртна казна. Додека Самоил бил жив, Саул наредил да се истребат сите што имаат вражарски дух, а сега сам прибегнал кон вражање што некогаш го осудил како гнасотија.

Царот дознал дека во Ендор живее некоја жена која тајно се занимава со вражање. Таа жена директно со сатаната склучила сојуз според кој требало да ја прифати неговата власт и да ги спроведува неговите намери, а за возврат кнезот на злото правел чуда за нејзина сметка и ѝ откривал тајни работи.

Саул се преоблекол и со двајца придружници ноќе се упатил да ја посети вражарката во нејзиното засолниште. Колку е тоа жално! Израелскиот цар го води сатаната по своја волја! Колку е мрачна за човечките нозе онаа патека што самиот ја избрал и бил истраен на неа, одејќи упорно по сопствени патишта и противејќи му се на Божјиот Дух! Има ли потешки окови од оној што чове-
679 кот самиот си го наметнува подјармувајќи му се на најголемиот тиран - на своето сопствено „јас“. Доверба во Бога и послушност кон неговата волја - тоа бил единствен услов под кој Саул можел да остане цар во Израел. Кога тие услови би ги исполнувал во текот на целиот свој живот, царството би му било обезбедено; Бог би бил негов водач и Семожниот негов штит и ограда. Бог со Саула имал многу трпение; иако неговата непослушност и непокорност наполно го замолкнале Божјиот глас во неговата душа, сепак, сè

уште постоела можност за покајание. Но, кога во тешкиот миг на својот живот се одвоил од Бога за да побара и да добие видело од сојузникот на сатаната, тогаш ја прекинал и последната нишка што го врзувала со неговиот Творец; самиот доброволно ѝ се потчинил на демонската сила која со години дејствувала во него и го довела до работ на пропаста.

Под закрила на ноќта, Саул и неговите придружници поминале непречено крај филистејската војска во рамнината и се префрлиле преку планинскиот гребен кон осамената куќичка на вражарката во Ендор. Тука жената со вражарски дух се скрила за да може потајно да продолжи со своето безбожно вражање. Иако Саул бил преоблечен, неговата висока става и царско држење оддавале дека тој не бил обичен војник. Жената се посомневала дека пред неа стои Саул, а неговите богати подароци уште повеќе го засилиле тој сомнеж. На неговата молба: „Вражај ми со помош на духот и повикај ми го оној што ќе ти кажам“, жената одговорила: „Па ти знаеш што стори Саул и како ги истреби од земјата повикувачите на духовите и вражарите. Зошто поставуваш стапица пред мене за да ме погубиш? А Саул ѝ се заколна со Господа, велејќи: 'Ти се колнам дека нема да ти биде ништо.'“ И кога прашала: „Кого да ти го повикам?“, тој одговорил: „Самоила.“

Откако ги изговорила своите волшебнички зборови, таа додала: „Гледам богови како излегуваат од земјата ... излегува стар човек наметнат со наметка. Тогаш Саул сфати дека тоа е Самол па се наведна до земјата и се поклони.“

Но под влијание на волшебничките зборови на една вештерка не се појавил светиот Божји пророк. Самоил не присуствувал при таа посета на лошите духови. Таа натприродна појава ја предизвикала само силата на сатаната. Тој исто така можел да се престори во Самоила како што се престорил во светлосен ангел кога го искушавал Христа во пустината.

Првите зборови што ги изговорила жената под влијание на 680
тоа чудо му биле упатени на царот. „Зошто ме измами? Па ти си Саул?“ Прво дело на лошиот дух, кој се јавил како пророк, било тоа што потајно ѝ се обратил на оваа безбожна жена да ѝ обрне внимание на измамата што е пред неа. Пораката на божемниот пророк упатена до Саула гласела: „Зошто ме обеспокојуваш да излегувам? А Саул одговори: 'Во тешка неволја сум. Филистејците завојуваа против мене, а Бог отстапи од мене и не ми одговори веќе ни преку пророк, ни на сон ни во видение; затоа те повикав тебе за да ми кажеш што да сторам.'“

Додека Самоил бил жив, Саул ги отфрлал неговите совети и му забележувал што го исправува. Но сега, во мигот на тешкотија

и несреќа, чувствувал дека водството на пророкот е единствена негова надеж; и, за да дојде до небесниот пратеник, прибегнал кон општење со пратеник на пеколот. Саул целосно се ставил под власт на сатаната; и сега, оној кој секогаш се радува кога може да создава беда и пропаст, на најсигурен начин ја искористил приликата да го уништи несреќниот цар. Во одговорот на Сауловата молба, изговорена во смртен страв, дошла страшна порака божем од устата на Самоил:

„Па тогаш зошто ме прашуваш мене кога Господ отстапил од тебе и станал твој непријател? Господ ќе го исполни тоа што го објави преку мене: ќе го одземе Господ царството од твоите раце и ќе му го даде на твојот ближен, на Давида. Бидејќи ти не го послуша гласот Господен и не го исполни неговиот јаросен гнев над Амалиците, Господ го извршува сега тоа над тебе. Господ ќе го предаде Израел заедно со тебе во рацете на Филистејците; утре ти и твоите синови ќе бидете овде со мене, а израелскиот логор Господ ќе го предаде во филистејски раце.“

За сето време додека Саул со своите дела му се противел на Бога, сатаната му ласкал и го мамел. Искушувачот ја намалува грешноста на гревот и патеката на престапот ја прави лесна и привлечна со цел срцето да стане нечувствително кон Господовите опомени и закани. Сатаната со својата восхитувачка сила го наведувал Саула, наспроти опомените и упатствата на Самоил, да го правда својот став. А сега, кога Саул се нашол во крајна неволја, тој се свртил против него укажувајќи му на огромноста на неговиот грев и на неможноста да добие проштавање; со тоа сакал да го фрли во очај.
681 Навистина не можел да смисли ништо полошо за да ја уништи неговата храброст и да го помати неговиот разум, да го совлада со очај и да го наведе на самоуништување.

Саул бил папсан од умор и пост; бил свесен за својата кривица и силно уплашен. Кога го слушнал страшното претказание, затреперил со целото тело, и како даб пред луња, се струполил на земјата колку што е долг.

Вражарката се исплашила. Израелскиот цар лежел пред неа како мртов. Што ќе биде со неа ако тој умре во нејзината куќа? Го преколнувала нешто да јаде и да го одржи животот, нагласувајќи дека мора да ја послуша, зашто и таа својот живот го изложила на опасност само да ја исполни неговата желба. Кога и слугите го навалиле, Саул попуштил и жената бргу му изнела приготвено згоено теле и погача. Каква сцена! Во дива пештера на една вражарка која штотуку изговорила зборови на осуда - во присуство на сатански гласник седи човекот што го помазал Бог за израелски

цар и со јадење се приготвува за кобната битка што ќе се одигра следниот ден!

Пред зори Саул со своите придружници се вратил во израелскиот логор за да се приготви за судирот. Со тоа што му се обратил на духот на мракот, Саул самиот себеси се уништил. Совладан од страв и очај, тој не можел да ги охрабри своите војници. Одвоен од изворот на силата, не можел ниту душите на Израелците да ги упати кон Бога кој единствено можел да им помогне. Сето тоа придонело она страшно претказание навистина да се оствари.

Во рамнината Суним и на падините на Гелвуја се судрила филистејската војска со израелските чети и настанала крвава битка. Иако страшната сцена во ендорската пештера му уништила секаква надеж, Саул сепак очајно храбро се борел за својот престол и за своето царство. Но сето тоа било напразно. „И побегнаа Израелците пред Филистејците и паѓаа мртви на горага Гелвуја.“ Тројца храбри синови паднале крај царот. Стрелците се устремиле кон Саула. Тој видел како неговите војници паѓаат околу него и како непријателот со меч ги убива неговите синови. Бидејќи и самиот бил ранет, не можел веќе ниту да се бори ниту да бега. Не можел да побегне, па затоа решил жив да не им се предава на Филистејците во раце: му наредил на својот слуга што му го носел оружјето: „Извади го својот меч и прободи ме.“ Бидејќи слугата се плашел 682
да крене рака на Господовиот помазаник, Саул сам се фрлил на својот меч и си го одзел себеси животот.

Така завршил првиот израелски цар, огрешувајќи ја својата душа уште и со самоубиство. Тоа бил промашен живот, полн со срам и очај, зашто царот својата изопачена волја отворено ѝ ја противставил на Божјата волја.

Веста за поразот бргу се прочула на сите страни и ги исполнила со страв срцата на сите Израелци. Народот масовно бегал од градовите и Филистејците непречено ги зазеле. Сауловото владеење, без потпирање врз Бога, ја уништило речиси целата нација.

Следниот ден, кога Филистејците го претражувале боиштето за да ги ограбат убиените, наишле на труповите на Саула и на неговите три сина. За да ја комплетираат својата победа, на Саула му ја пресекле главата и му го слекле оклопот, па онака крвави, како воени трофеи, ги пратиле во филистејската земја „за да се објави во храмот на нивните лажни богови и меѓу народот“. На крај оружјето го донеле во куќата „на Астарота“, а главата ја обесиле во храмот на Дагона. Така славата на победата им е припишана на лажните богови, а името на Јехова било обесчестено.

Телата на Саула и на неговите три сина ги однеле во Вет-Сан, град недалеку од Гелвуја и близу до Јордан. Тука сите ги обесиле за

да ги растргнат птици грабливки. Но жителите на Јавис Галадов, спомнувајќи си како во поранешните посреќни времиња Саул го ослободил нивниот град, ја покажале својата благодарност така што ги симнале нивните тела и свечено ги закопале. Преминувајќи ноќе преку Јордан, тие „го симнаа телото на Саула и телата на неговите синови од ветсанските ѕидови, па дојдоа во Јавис и таму ги запалија; ги зедоа нивните коски и ги погребаа под дабот во Јавис, и постеа седум дена". Така едно благородно дело, сторено пред четириесет години, на Саула и на неговите синови во најмрачниот миг на пораз и срам им обезбедило достоен закоп што го извршиле луѓето со нежно и милосливо срце.

67

# ВРАЖАЊЕТО ОД ДРЕВНИНА ДО ДЕНЕСКА

Библискиот извештај за Сауловата посета на вражарката во Ендор збунува многу истражувачи на Библијата. Некои сметаат дека Самоил навистина бил присутен при разговорот со Саула, но во Библијата има доволно докази за спротивен заклучок. Ако Самоил бил на небото, како што тврдат некои, тогаш тој можел да биде повикан или со Божја, или со ѓаволска сила. Никој не може ниту за миг да поверува дека сатаната има таква сила од небото да го повика светиот Божји пророк за да му оддаде чест на вражањето на една отфрлена жена. Исто така не можеме да веруваме дека Бог го пратил во пештерата на таа вештерка, зашто Господ веќе еднаш одбил да општи со Саула на сон, преку урим или преку пророк (1. Самоилова 28,6). Тоа биле средствата преку кои Бог им се јавувал на луѓето и Тој секако не би ги заобиколил нив за својата порака да ја достави преку орудие на сатаната.

Пораката што ја примил Саул сама по себе докажува од каде потекнува. Нејзина цел не била Саула да го наведе на покајание, туку да го турне во пропаст, а тоа не е Божје дело туку дело на сатаната. Освен тоа, Сауловата одлука да ја праша вражарката за совет во Светото писмо се истакнува како причина што Бог го отфрлил и дозволил да отиде во пропаст: „И така загина Саул за своето неверие со кое го изневери Господа: не ги држеше заповедите Господови, а освен тоа, праша за совет бајачка, а не го праша Господа; затоа го уби и царството го пренесе врз синот на Есеја, Давида“ (1. Дневникот 10,13.14). Овде јасно се кажува дека Саул, наместо Господа, прашал „бајачка“. Всушност тој не зборувал со Божјиот пророк Самоил, туку со посредство на вражарката тој разговарал со сатаната. Сатаната не можел да го претстави вистинскиот Самоил, туку само неговиот лик кој послужил како средство Саул да се измами.

Речиси сите облици на некогашното вражање, гатање, се теме- 684
леле на верувањето во општење со мртвите. Луѓето што се занимавале со таа вештина, со општење со мртвите, тврделе дека ста-

пуваат во врска со духовите на умрените и дека тие им кажуваат што ќе се случи во иднина. За тој обичај на договарање со мртвите зборува и пророштвото на Исаија: „Ако ви кажат: 'Прашајте гатачи и вражари, кои шепотат и мрморат, кажете им: Не треба ли народот да го праша својот Бог? Или ќе ги прашува мртвите место живите?'" (Исаија 8,19).

Истото тоа верување во разговор со мртвите претставува темелен камен на незнабожечкото идолопоклонство. Се верувало дека незнабожечките идоли се духови на умрените херои претворени во богови. Така незнабожечката вера всушност била обожавање на мртвите. Тоа јасно се гледа од светите списи. Во записот за израелскиот грев со Ваал-Фегора се кажува: „Израел живееше во Ситим, и народот почна да врши прељуба со Моавките. Тие го повикуваа народот да присуствува на жртвите на нивните богови, и народот учествуваше во нивните гозби и им се клањаше на нивните богови. И му се поклони Израел на Ваал-Фегор" (4. Мојсеева 25,1-3). Псалмистот ни објаснува на кој вид богови им се принесувани жртви. Зборувајќи за истиот отпад на Израелците, тој кажува: „Тие му служеа на богот Ваал-Фегор и јадеа жртви посветени на боговите на мртвите" (Псалм 106,28).

Обожавањето на мртвите, како и божемното општење со умрените, заземало истакнато место речиси во секој незнабожечки систем. Се верувало дека боговите им ја соопштуваат на луѓето својата волја и доколку луѓето тоа го бараат, им даваат и совети. Прочуените пророчишта кај Грците и Римјаните имале исто обележје.

Верувањето во општење со мртвите се одржува и денеска дури и во земјите што се нарекуваат христијански. Под името спиритизам многу е распространет обичајот на општење со суштества кои тврдат дека се духови на мртвите. Тој обичај е пресметан така за да ги придобие луѓето на кои некој од нивните најмили е положен в гроб. Понекогаш на луѓето им се јавуваат духовни суштества во вид на нивните умрени пријатели и роднини и им раскажуваат настани што се поврзани со нивниот живот, или имитираат некои постапки
685 кои на покојниците им биле својствени во текот на животот. На тој начин луѓето ги наведуваат да веруваат дека нивните пријатели станале ангели кои се реат над нив и со нив општат. Тие кои тврдат дека се духови на умрените често се обожаваат и нивниот збор за мнозина има поголема важност отколку Речта Господова.

Од друга страна, мнозина сметаат дека спиритизмот е обична измама. Појавите со кои се поткрепува тврдењето дека спиритизмот има натприроден карактер се сметаат за обични измами на медиумите. Меѓутоа, додека успесите на опсенувањето често се

прикажувани само како измислени појави, настанувале и вистински откритија на некои натприродни сили. И мнозина кои го отфрлаат спиритизмот како производ на човечката вештина и лукавство, кога ќе се соочат со откритијата што не можат да ги протолкуваат врз таа основа, склони се да ги признаат неговите тврдења.

И модерниот спиритизам и сите облици на некогашното вражање и обожавање на идолите - чијшто основен принцип е општење со мртвите - се темелат на онаа прва лага со која сатаната ја измамил Ева во рајот: „Не, вие нема да умрете! Туку Бог знае дека оној ден кога ќе вкусите од него ќе ви се отворат очите, па ќе станете како богови“ (1. Мојсеева 3,4.5). Спиритизмот исто така е заснован на лаги и потекнува од таткото на лагата.

На Евреите изрично им било забрането на кој било начин да се впуштаат во општење со мртвите. Таа врата Бог убедливо ја затворил кога рекол: „А мртвите не знаат ништо ... и немаат веќе дел во ништо што се случува под сонцето“ (Проповедник 9,5.6). „Излегува духот од него и тој се враќа во својата земја. Во тој миг исчезнуваат сите негови помисли“ (Псалм 146,4). А Господ му кажал на Израел: „Ако некој стапи во врска со повикувачи на духови и со вражари за да го следи нивното блудство, јас ќе се свртам против тој човек и ќе го истребам од неговиот народ“ (3. Мојсеева 20,6).

Вражарските духови не се духови на умрените, туку лоши ангели - гласници на сатаната. Некогашното идолопоклонство кое, како што видовме, го опфаќало и обожавањето на мртвите и божемното општење со нив, Библијата го смета за служба на ѓаволот. Апостол Павле ги опоменува своите браќа по никоја цена да не го прифаќаат идолопоклонството на своите безбожни сонародници: „Она што го принесуваат незнабошците како жртва, им го принесуваат на ѓаволите, а не на Бога; јас пак не сакам вие да бидете во заедница со ѓаволите“ (1. Коринќаните 10,20). Зборувајќи за Израелците, 686
и псалмистот кажува: „Своите синови и ќерки на демони им ги жртвуваа“, а во следниот стих објаснува дека „им ги жртвуваа на хананските идоли“ (Псалм 106,37.38). Обраќајќи им се на мртвите во своите молитви, всушност му се молеле на ѓаволот.

Модерниот спиритизам, бидејќи е заснован на истиот темел, претставува само повторување на старото вражање и обожавање на ѓаволот во нов облик што Бог го осудил и од древнина го забранил. Спиритизмот во Светото писмо е предвиден, и за него се кажува: „А Духот јасно зборува дека во последните времиња некои ќе отстапат од верата, слушајќи измамливи духови и ѓаволски учења“ (1. Тимотеј 4,1). Во своето второ послание до Солуњаните Павле го опишува дејствувањето на сатаната низ спиритизмот како нешто што ќе се случува непосредно пред второто Христово

доаѓање. Зборувајќи за манифестацијата на ова зло токму пред второто Христово доаѓање, Павле меѓу другото кажува: „Безбожникот се појавува со соработка на сатаната, придружуван со секојвидни силни дела, со лажни чуда и знаци“ (2. Солуњаните 2,9). А Петар, опишувајќи ги опасностите на кои ќе биде изложена Божјата заедница во последните денови, кажува дека имало многу пророци кои Израелците ги наведувале на грев и дека исто така ќе има многу лажни учители „кои ќе внесат погубни ереси, ќе се откажуваат од Господа кој ги откупил... и мнозина ќе појдат по нивните нечистотии“ (2. Петрово 2,1.2). Овде апостолот изнел една од најважните ознаки на спиритистичкото учење. Тие нерадо го признаваат Христа како Божји Син. Во врска со таквите учења, Јован кажува: „Кој е лажливец, ако не оној што одречува дека Исус е Христос? Тој е антихрист, што го одречува Отецот и Синот. Секој што го одречува Синот, го нема и Отецот; а кој го исповеда Синот, го има и Отецот“ (1. Јованово 2,22.23). Со тоа што се откажува од Синот, спиритизмот се откажува и од Отецот, а Библијата тоа го толкува како појава на антихрист.

Преткажувајќи ја Сауловата судбина преку вражарката од Ендор, сатаната имал план на израелскиот народ да му постави своја стапица. Се надевал дека тие на тој начин ќе бидат наведени да веруваат во вражањето на оваа вештерка и дека во иднина ќе ѝ се обраќаат за совет. Така би се оделиле од Бога, од својот Советодавец и би стапиле под водство на сатаната. Мамката со која спиритизмот ги привлекува масите е божемна сила да го тргне превезот од иднината и да им го открие на луѓето она што Бог го
687 скрил. Меѓутоа, Бог во својата Реч ни ги открил сите големи настани на иднината - сè што е битно да се знае - и ни дал сигурен патоказ низ најголемите опасности; но цел на сатаната е да ја уништи довербата на луѓето во Бога, да станат незадоволни со состојбата во која се наоѓаат, да создаде кај нив копнеж за она знаење што Бог во својата мудрост го засолнил од нив, а едновремено да го презрат она што Бог го открил во својата Реч.

Има многу такви кои лесно се вознемируваат кога не можат да го дознаат точниот исход на работите. Тие не можат да ја поднесат неизвесноста и во своето нетрпение одбиваат да почекаат да ја видат Божјата слава. Злото што го наслутуваат ги доведува речиси до растројство. Тие им попуштаат на своите бунтовни чувства и незауздано јурат на сите страни да го дознаат она што не е откриено. Кога би имале доверба само во Бога и кога би биле будни и би се молеле, би добиле божествена утеха. Нивниот дух би нашол мир во дружењето со Бога. Ујадени и обременети, би нашле мир за својата душа само кога би дошле кај Исуса. Меѓу-

тоа, занемарувајќи ги средствата што ги дал Господ како утеха, прибегнувајќи кон други извори и надевајќи се дека ќе го дознаат она што Бог не го открил, тие прават иста грешка како и Саул и така стекнуваат само сознание за злото.

Таквото однесување не му е угодно на Бога и тоа Тој јасно го кажал. Нестрпливото итање да се отстрани завесата од иднината покажува недостиг на вера во Бога и душата ја отвора за дошепнување на праисконскиот измамник. Сатаната луѓето ги наведува да се распрашуваат кај видовитите; со тоа што им го открива скриеното од минатото, ги наведува да веруваат дека тој може да ја преткаже и иднината. Врз основа на своето многувековно искуство, тој може, знаејќи ги причините, да заклучи какви ќе бидат последиците и често со прилична точност може да предвиди извесни настани во човечкиот живот во иднина. Тоа му дава можност да ги измами кутрите заведени души, да ги подјарми и да ги води по своја волја.

Бог нè предупредува преку пророкот: „Ако ви кажат: 'Прашајте гатачи и вражари, кои шепотат и мрморат, кажете им: Не треба ли народот да го праша својот Бог? Или ќе ги прашува мртвите место живите? Зкон и сведоштво барајте. Кој не зборува така, за него нема зора'" (Исаија 8,19.20).

Зар оние што го имаат светиот Бог, кој е бесконечен во мудроста и силата, ќе одат кај вражари чиешто знаење потекнува од тесен 688
допир со непријателот на нашиот Господ? Бог е светлина на своите верни; Тој ги повикува со вера да го насочат погледот кон славата што е скриена за човечкиот поглед. Сонцето на правдата ги праќа своите светли зраци во нивните срца; тие добиваат светлина од небесниот престол и немаат потреба да му го вртат грбот на тој Извор и да им се обраќаат на гласниците на сатаната.

Пораката на демонот за Саула, иако го осудувала гревот и предвидувала казна, не била смислена да го поправи, туку да го натера во очај и да го струполи во пропаст. Меѓутоа, уште почесто таквата вест искушувачот ја користи луѓето да ги одвлече во пропаст со ласкање. Учењата на демонските богови во древните времиња поттикнувале најодвратен разврат. Божјите заповеди што го осудувале гревот, а ја истакнувале правдата, биле отфрлени и вистината малку се ценела, а неморалот бил не само дозволен, туку и се препорачувал. Спиритизмот тврди дека нема смрт ниту грев, суд ниту казна; дека „луѓето се безгрешни полубогови", дека желбата е највисок закон и дека човекот е одговорен само пред самиот себеси. Оградите што ги подигнал Бог да ја заштити вистината, чистотата и чесноста се урнати и мнозина со тоа се охрабрени во престапот.

Зар таквото учење не потекнува од истиот извор како и обожавањето на ѓаволот?

Господ на Израелците им ги изнел последиците од општењето со лошите духови, а истите можеле да ги видат и во гадостите на Хананците: овие немале природна љубов, биле идолопоклоници, прељубници, убијци полни со најпорочни мисли и дела. Луѓето не го познаваат своето сопствено срце, зашто „лукаво е човечкото срце повеќе од сè и е наполно расипано“ (Еремија 17,9). Но Бог ја сфаќа склоноста на изопачената човечка природа. Тогаш, како и сега, сатаната се трудел да создаде услови за бунт, со цел израелскиот народ да му стане одвратен на Бога како што биле Хананците. Непријателот на душите будно демне кај нас да поттикне незауздана река на зло, зашто сака да бидеме уништени и осудени пред Бога.

Сатаната решил ханaнската земја да ја задржи под своја власт; и кога таа станала татковина на синовите Израелови, а Божјиот
689 закон станал закон на таа земја, тој Израелците ги замразил со сурова непријателска омраза и се заколнал дека ќе ги уништи. Со помош на лошите духови тој вовел обожавање на туѓи богови; поради своите престапи, припадниците на избраниот народ конечно биле истерани од ветената земја и расеани низ светот. Таа историја сатаната се обидува да ја повтори и во денешно време. Бог својот народ го изведува од земјата на беззаконието на овој свет за да може да го држи неговиот закон; и токму поради тоа „тужителот на нашите браќа“ не знае за граници. „Зашто ѓаволот слезе при вас со голем гнев, оти знае дека му останува малку време“ (Откровение 12,10.12). Вистинската ветена земја е пред нас и сатаната решил да го уништи Божјиот народ за да го лиши од тоа непоминливо наследство. Денеска повеќе од кога било порано е потребно да се има на ум Божјата опомена: „Бидете будни и молете се на Бога да не паднете во напаст“ (Марко 14,38).

Речта Господова упатена на стариот Израел важи за неговиот народ и во наше време: „Не одете по оние што повикуваат духови на мртви, и до маѓесници не доближувај се и не дозволувајте да ве оксвернат, зашто секој што го прави тоа е гнасен пред Господа“ (3. Мојсеева 19,31; 5. Мојсеева 18,12).

68

# ДАВИД ВО СИКЛАГ

*Оваа глава е заснована на 1. Самоилова 29 и 30 глава и на 2. Самоилова 1 глава*

Давид и неговите луѓе не учествувале во судирот меѓу Филистејците и Израел, иако со Филистејците дошле на бојното поле. Додека обете војски се приготвувале за битка, синот на Есеја бил во голема неволја и неизвесност. Се очекувало да се бори на страна на Филистејците. Кога би го напуштил местото што му било одредено и би се повлекол од битката, би му се припишал не само кукавичлак, туку и неблагодарност и предавство кон Ахиса кој го примил под своја заштита и му укажал доверба. Таквата постапка би го осрамотила неговото име и би го изложила на гнев од страна на непријателите од кои повеќе требало да се плаши отколку од Саула. А сепак, ниту за миг не можел да се согласи да се бори против Израел. Кога би го сторил тоа, би бил предавник на сопствената нација - непријател на Бога и на Божјиот народ. Тоа засекогаш би му го препречило патот до израелскиот престол, а во случај Саул да загине во борбата, за неговата смрт би бил обвинет Давид.

Тоа придонело Давид да увиди колку многу згрешил. За него многу подобро би било да не го напуштил своето прибежиште, од Бога создадената сигурна тврдина на израелските планини, отколку што отишол кај заколнатиот непријател на Јехова и непријател на својот народ. Но Господ во својата голема милост овој погрешен чекор на својот слуга не го казнил со тоа што ќе го препушти самиот на себе во тој тежок миг на неизвесност и очај; зашто, иако Давид ја загубил довербата во Божјата сила и скршнал од патеката на строга послушност, сепак верноста кон Бога останала и натаму главна цел на неговото срце. И додека сатаната и неговите демони настојувале да им помогнат на Божјите непријатели и на непријателите на израелскиот народ да прават планови против царот кој го отфрлил Бога, Господовите ангели се труделе да го извлечат Давида од опасноста во која паднал. Небесните гласници

ги поттикнале филистејските кнезови да протестираат против учеството на Давида и на неговите луѓе во претстојниот судир.

691 „Што бараат тие Евреи овде?“ коментирале филистејските кнезови, противставувајќи му се на Ахиса. А бидејќи тој не бил расположен да се одвои од толку важниот сојузник, им одговорил: „Зар не знаете дека тоа е Давид, слугата на Саула, царот израелски? Тој е кај мене повеќе од една година, и јас не најдов кај него ништо лошо, откако е дојден до денес?“

Но кнезовите биле упорни, настојувајќи да се исполни нивното барање: „Прати го тој човек да си оди на местото што си му го определил за да не оди со нас во војна и да не стане наш противник во војната. Со што може да го смилостиви својот господар, ако не со главите на овие наши луѓе? Нели е тоа оној Давид на кого му пееја во хоровите, велејќи: ’Саул порази илјада, а Давид - десетици илјади.’“ Филистејските кнезови сè уште живо си спомнувале како паднал нивниот прочуен јунак и колку Израелците триумфирале во таа пригода. Тие не верувале дека Давид ќе се бори против сопствениот народ. А во случај во текот на борбата да премине на страна на својот народ, би можел на Филистејците да им нанесе поголема штета од сета Саулова војска.

Така Ахис бил присилен да попушти и, повикувајќи го Давида, му рекол: „Жив Господ! Ти си чесен, и мене би ми било мило да ме придружуваш во оваа битка, зашто не најдов никакво зло кај тебе откако си дојден при мене па сè до денес. Но не си мил во очите на кнезовите. Затоа, врати се сега, оди си со мир и не ги дразни филистејските кнезови.“

Плашејќи се да не ги открие своите вистински чувства, Давид одговорил: „Што сум сторил и што си нашол кај твојот слуга, откако сум пред твоето лице до денес? Зошто да не одам и не војувам против непријателите на мојот господар, царот?“

Царевиот одговор сигурно во срцето на Давида предизвикал срам и грижа на совеста при помислата колку недостојни биле за еден слуга на Јехова измамите кон кои тој прибегнал. „Навистина ти си ми како Божји ангел“, му рекол Ахис, „но филистејските кнезови рекоа: ’Нека не доаѓа тој со нас во војна.’ Затоа стани утре рано, ти и слугите на твојот господар што дошле со тебе и одете си.“ Така се одврзала стапицата во која Давид се заплеткал и се ослободил.

692 По три дена патување, Давид со своите шестотини луѓе стигнал во Сиклаг, во своето престојувалиште во филистејската земја. Но таму наишле на вистински пустош. Амалиците го искористиле Давидовото отсуство и му се одмаздиле за неговите упади во нивната област. Тие го нападнале градот кога никој не го чувал и откако

го опустеле и го запалиле, си заминале, земајќи ги со себе жените и децата како робови и голем плен.

Неми од ужас и изненадување, Давид и неговите луѓе извесно време гледале во вистинските пепелишта од кои сè уште се издигнувал дим. А потоа, сфаќајќи ја сета длабина на својата страшна загуба, јад и болка, заплакале старите воини со лузни од многу битки, „и плачеа сè додека не можеа веќе да плачат“.

Овде Давид по вторпат бил опоменат за недостиг на вера, што и го навело да дојде кај Филистејците. Сега имал можност да види колкава сигурност може да се најде кај Божјите непријатели, кои едновремено се и непријатели на неговиот народ. Давидовите луѓе се свртиле против него, тврдејќи дека тој е виновен за таа несреќа. Тој ја предизвикал одмаздата од страна на Амалиците со своите напади на нивната територија, а чувствувајќи се премногу сигурен среде своите непријатели, го оставил градот без стража. Подивени од болка и бес, неговите војници биле подготвени на најлошото; дури се заканувале својот водач да го каменуваат.

Давид се чувствувал лишен од секаква човечка помош. Сè што му било мило на овој свет, му било одземено. Саул го истерал од неговиот роден крај, Филстејците го истерале од својот логор, Амалиците го ограбиле градот во кој живеел, неговите жени и деца биле одведени во ропство, неговите најблиски пријатели и соборци се побуниле против него и дури му се заканиле со смрт. Во тој миг на крајна неволја, Давид - наместо да размислува за мачните околности - сериозно се помолил на Бога за помош „и се охрабри во својот Господ Бог“. Си спомнал за сè од својот живот во минатото кој бил полн со настани. И дали Бог некогаш дури и за миг го напуштил? Душата му се освежила кога си спомнал за безбројните докази на Божјата милост. Давидовите луѓе со своето незадоволство и нетрпение само ја зголемувале својата болка, но Божјиот слуга, кој имал уште поголема причина да тагува, храбро се држел. Зборови на неговото срце биле: „Кога се плашам, јас се надевам во тебе“ (Псалм 56,3). Иако ни самиот тој не можел да го *693*
види патот што ќе го изведе од тешкотиите, Бог го видел излезот и можел да го поучи што да прави.

Давид го повикал свештеникот Авијатар, синот на Ахимелех, и „Давид го праша Господа, велејќи: ’Да го гонам ли тоа мноштво и ќе го стигнам ли?’ А одговорот му беше: ’Гони ги, зашто навистина ќе ги стигнеш и заробениците ќе ги избавиш’“ (1. Самоилова 30,8).

Тие зборови ја стивнале луњата на болката и ги смириле чувствата. Давид и неговите луѓе веднаш тргнале во потера по непријателите кои бегале. Толку многу брзале што, пристигнувајќи до потокот Восор, кој кај Газа се влева во Средоземното Море, мореле

да остават двесте свои луѓе кои не можеле понатаму од папсаност. А Давид со другите четиристотини неуморно гонел и понатаму.

Попатно наишле на еден роб Египќанец на кого, судејќи по сè, му се заканувала смрт од умор и глад. Но кога му дале да јаде и да пие, бргу закрепнал и им кажал дека неговиот господар, еден од Амалиците кој учествувал во походот против Сиклаг, го оставил да умре. Им раскажал сè за разбојничкиот напад и за грабежот и, откако му ветиле дека нема да го убијат ниту да му го предатат на господарот, се согласил да ги одведе Давида и неговите луѓе до логорот на нивните непријатели.

Кога пристигнале до логорот, пред нивните очи се укажала чудна сцена на пирување. Победничките чети ја славеле својата победа. „Тие беа се раширле по сета таа земја, јадејќи, пиејќи и веселејќи се со големиот плен што го заплениja од филистејската земја и од земјата на Јуда.“ Веднаш е издадена наредба за напад и прогонувачите јаросно се нафрлиле врз својот плен. Амалиците биле изненадени и збунети. Битката траела цела ноќ и утредента сè додека речиси цела војска не била уништена. Само четиристотини од нив успеале да јавнат на камили и да побегнат. Така се исполниле зборовите Господови. „И Давид поврати сè што беа зеле Амалиците, ги поврати Давид и своите две жени, и не загуби кај нив ништо, ни мало ни големо, ни синови ни ќерки, ни пленот, ниту нешто од она што го беа зеле од нив Амалиците - сè поврати Давид.“

Кога Давид влегол во областа во која живееле Амалиците, ги убил со меч сите нивни жители што му паднале во раце. Кога
694 Божјата сила не би ги зауздувала Амалиците, тие би се одмаздиле убивајќи го народот во Сиклаг. Меѓутоа, тие решиле да ги поштедат заробените, бидејќи сакале да ја зголемат славата на својата победа одведувајќи голем број заробеници, кои подоцна имале намера да ги продадат како робови. Така, оставајќи ги заробените живи, несвесно ја исполнувале Божјата намера тие подоцна да се вратат кај своите мажи и татковци.

Со сите земни сили управува Севишниот. Тој му кажува на најсилниот владетел и на најсуровиот завојувач: „До тука ќе дојдеш и нема да преминуваш, и тука е границата на твоите горди бранови?“ (За Јов 38,11). Божјата сила е постојано на дело противставувајќи им се на орудијата на злото. Бог постојано работи за луѓето, не да ги уништи, туку да ги поправи и да ги сочува.

Победниците со голема радост се упатиле дома. Кога пристигнале кај своите другари што заостанале, себичните меѓу нив барале оние што не учествувале во борбата да не учествуваат ниту во поделбата на пленот. Но Давид не се согласил со тој предлог. „Немојте така, браќа мои, со она што ни го даде Господ ... Каков е

делот на оној што оди во бој, таков е и делот на оној што останува кај багажот. Еднаков дел нека имаа сите.“ Така проблемот бил решен и тоа подоцна во Израел станало правило: сите учесници во воениот поход рамноправно да учествуваат и во поделбата на пленот - како оние кои биле директно во борбата, така и нивните помагачи од заднината.

Освен што успеале да го вратат сиот плен однесен од Сиклаг, Давид со своите луѓе заробиле и големи стада овци и говеда што им припаѓале на Амалиците. Тој дел е наречен „Давидов плен“ и тој од него им пратил подароци на кнезовите на своето племе во Јудеја. Во таа пригода тој си спомнал за сите кои со него се спријателите додека морал да бега од место во место за да го сочува својот живот, оддавајќи им со тоа благодарност и признание за љубезноста и сожалувањето кои во тоа време биле толку драгоцени за прогонетиот бегалец.

Веќе осамнал трет ден откако Давид со своите борци се вратил во Сиклаг. Поправајќи ги разурнатите домови, тие загрижено очекувале вест за исходот на борбата што се водела меѓу Филистејците 695
и Израелците. Одненадеж во градот наишол гласник „со искината облека и со прав на главата“ (2. Самоилова 1,2-16). Веднаш го извеле пред Давида, пред кого длабоко се поклонил со страхопочит, оддавајќи му на тој начин признание како на моќен кнез, од кого бара благонаклоност. Давид со нетрпение го испитувал како се одвивала борбата. Бегалецот раскажал за поразот на Саула, нагласувајќи дека загинале и Саул и Јонатан. Претпоставувајќи дека Давид го мрази својот неуморен непријател, бегалецот се понадевал оти во неговите очи ќе стекне углед ако се претстави како убиец, па почнал убедливо да ниже факти. Растурливо продолжил да објаснува како среде најжестоката битка наишол на ранетиот израелски цар, опколен и притиснат од непријателот па, на негова лична молба, го убил со своја рака. Круната од неговата глава и царската белегзија од раката му ги донел на Давида. Со сигурност очекувал таа вест да биде поздравена со голема радост и тој за својата постапка да биде богато награден.

Но „тогаш Давид се фати за својата облека и ја искина, исто така и сите луѓе што беа со него ги искинаа своите алишта и липаа, плачеа и постеа до вечерта за Саула и за неговиот син Јонатан, за народот Господов и за домот Израелов, поради тоа што беа загинале од меч.“

Кога поминала првата жалост поради оваа страшна вест, Давидовите мисли се насочиле кон гласникот и кон злосторството што тој го раскажал и сам го признал. „Од каде си?“ го прашал Давид. „А тој му одговори: ’Јас сум син на еден придојден Амалик.’

Тогаш Давид му рече: 'Како не се уплаши да кренеш рака и да го убиеш Господовиот помазаник?'" Давид двапати во животот го имал Саула во свои раце, но кога требало да го убие, одбил да дигне рака на оној кој со Божја заповед бил одреден да владее над Израел. Но Амаликот не се плашел да се фали како го убил израелскиот цар. Со тоа самиот се обвинил за злосторство што се казнувало со смрт, и казната над него била веднаш извршена. Давид рекол: „Крвта твоја врз твоја глава, зашто твојата уста сведочеше против тебе зборувајќи: 'Јас го убив Господовиот помазаник.'"

Болката на Давида поради смртта на Саула била искрена и длабока и во исто време ја откривала великодушноста на една
696 навистина благородна природа. Тој не се радувал за падот на својот непријател. Пречката што му стоела на патот да седне на израелскиот престол била отстранета, но тој не се израдувал за тоа. Смртта го избришала сеќавањето на Сауловата недоверба и свирепост и веќе не си спомнувал за ништо од неговиот живот освен за она што кај него било царско и благородно. Освен тоа, името на Саула било поврзано со споменот на Јонатана кој му бил толку верен и несебичен пријател.

Песната во која Давид им дал израз на чувствата на своето срце станала богатство не само за неговата нација, туку и за Божјиот народ во сите подоцнежни векови:

*„Твојата убавина, о Израеле,*
*Е погубена на твоите височини!*
*Како паднаа силните!*
*Не раскажувајте во Гат,*
*Не разгласувајте по улиците на Аскалон,*
*Да не се радуваат ќерките филистејски,*
*Да не ликуваат ќерките на необрезаните.*
*Гори Гелвујски!*
*Да не паѓа на вас роса ни дожд,*
*Ниту да има по вас полиња со плодови,*
*Зашто таму е фрлен штитот на Саула,*
*Како да не беше помазан со масло...*
*Саул и Јонатан, сакани и сложни во животот,*
*Не се разделија ни во смртта;*
*Тие беа побрзи од орлите, посилни од лавовите.*
*Ќерки Израелови! Плачете за Саула,*
*Кој ве облекуваше во пурпурна облека*
*И ги китеше со златни накити*

*Вашите облеки!*
*О како паднаа силните во борбата!*
*Загина Јонатан на твоите височини.*
*Жалам за тебе, брате Јонатане;*
*Ти ми беше многу мил;*
*Твојата љубов за мене беше поголема од женската љубов.*
*Како паднаа силните, како загина бојното оружје!“*

2. Самоилова 1,19-27

69

# ДАВИД ПОВИКАН ДА ГО ЗАЗЕМЕ ПРЕСТОЛОТ

*Ова глава е заснована на 2. Самоилова 2 до 5,5*

Со смртта на Саула исчезнале опасностите поради кои Давид морал да талка како изгнаник. Сега му бил отворен патот за враќање во татковината. Кога поминале деновите на жалост за Саула и Јонатана, „Давид го праша Господа, велејќи: 'Да отидам ли во некој од градовите на Јуда?' А Господ му рече: 'Оди!' Давид пак праша: 'Када да одам?' А Тој му рече: 'Оди во Хеврон!'"

Хеврон се наоѓал околу триесет километри северно од Вирсавеја и отприлика на половина пат меѓу неа и идната престолнина, Ерусалим. Тоа место првобитно се викало Киријат-Арва, град Арва, таткото на Енак. Подоцна го нарекле Мамрија, и тука „во Макпелската пештера" биле гробовите на патријарсите. Хеврон во свое време му бил даден во наследство на Халева, а сега бил главен град на Јудеја. Лежи во долина опкружена со плодни брекчиња и со богати ниви. Тука биле најубавите лозја на Палестина, а исто така и бројни овоштарници и маслинови градини.

Давид и неговите луѓе биле подготвени веднаш да го извршат налогот примен од Бога; шестотини вооружени луѓе со своите жени, деца и стада добиток се упатиле кон Хеврон. Кога карванот влегувал во градот, жителите на Јуда го пречекале Давида и го поздравиле како иден израелски цар. Веднаш приготвиле сè што било потребно да го крунисаат. „И го помазаа тука Давида за цар над домот на Јуда." Меѓутоа, не употребиле никаква сила неговиот авторитет да им го наметнат и на другите племиња.

Едно од првите дела на новокрунисаниот владетел било на трогателен начин да покаже почит кон споменот на Саула и Јонатана. Кога дознал дека храбрите жители на градот Јавис Галадов ги зеле и свечено ги закопале телата на загинатите водачи, веднаш им
698 пратил пратеници со порака: „Благословени да сте пред Господа заради таа милост што му ја укажавте на својот господар Саул, помазаникот Господов, и што сте го погребале и неговиот син

Јонатан. Господ нека ве награди со милост и вистина; а јас ќе ви вратам со добро заради тоа што го сторивте вие.“ А потоа им најавил дека ќе го преземе престолот на Јуда и ги замолил, бидејќи веќе се покажале толку предани, и нему да му бидат приврзани.

Филистејците не се противеле што Јудејците го поставиле Давида за цар. За време на неговото изгнанство тие со него се спријателиле за да можат полесно да го напаѓаат и да го заслабнуваат царството на Саула. Сега се надевале дека, поради нивното поранешно пријателство кон Давида, проширувањето на неговата власт ќе биде корисно и за нив. Но владеењето на Давида не било без тешкотии. Со неговото крунисување почнала мрачна историја на заговори и буни. Давид не дошол на престолот како некаков предавник. Него Бог го одбрал за израелски цар и немало повод за недоверба или за отпор. Но штом Јудејците го признале неговиот авторитет, Авенир го зацарил Сауловиот син, Исвостеј.

Исвостеј бил слаб и неспособен претставник на Сауловиот дом, додека Давид бил извонредно подготвен да ја преземе на себе сета одговорност за водење на царството. Авенир, кој одиграл главна улога при поставувањето на Исвостеја на царскиот престол, бил врховен војсководител на Сауловата војска и највлијателен човек во Израел. Тој знаел дека Бог на Давида му го наменил израелскиот престол, но бидејќи толку долго го прогонувале и го отфрлале, не бил расположен синот на Есеја да го наследи царството со кое владеел Саул.

Околностите во кои се нашол Авенир го откриле неговиот вистински карактер и покажале дека бил славољубив и непринципиелен. Тој со роднински врски бил тесно поврзан со Саула и под влијание на царот го презирал човекот кој бил од Бога одбран да владее со Израел. Неговата омраза уште повеќе се засилила кога Давид онака остро го прекорил што дозволил на царот да му го украдат копјето и чашата додека спиел во логорот. Тој добро си спомнувал како Давид викал да чуе и царот и сиот народ: „Нели си ти маж, и кој е рамен на тебе во Израел? Зошто тогаш не го чуваше својот господар?... Ти лошо правиш; жив да е Господ, вие заслужувате смрт, бидејќи не го чувате својот господар.“ Тој прекор тлеел во неговите гради и затоа решил својата одмаздничка 699
намера да ја оствари на тој начин што ќе предизвика поделба меѓу Израелците и ќе се извиши самиот себеси. Се послужил со претставник на претходното царство за да ги оствари своите себични стремежи и желби. Тој знаел дека народот го сакал Јонатана. Сеќавањето на него на сите им било мило, а и првите успешни воени походи на Саула не биле заборавени. Овој водач на бунтовниците мошне вешто и решително ги спроведувал своите планови. За

царска престолнина го избрале Маханаим, од другата страна на Јордан, затоа што овозможувал најголема безбедност во случај на некаков напад од страна на Давида или Филистејците. Таму е крунисан Исвостеј. Од почеток неговото владеење го признавале само племињата источно од Јордан, а подоцна и цел Израел, освен Јуда. Две години Сауловиот син уживал почести во својата изделена престолнина. Но, имајќи намера тоа владеење да му го наметне на цел Израел, Авенир се приготвувал за војна. „Борбата меѓу Сауловиот и Давидовиот дом траеше долго; Давид сѐ повеќе се засилуваше, а Сауловиот дом сѐ повеќе ослабуваше.“

Најпосле престолот што го подигнале злобата и частољубието бил урнат од предавство. Авенир се налутил на слабиот и неспособен Исвостеј и преминал кај Давида, нудејќи му да ги преведе сите Израелови племиња под негова власт. Царот ги прифатил неговите предлози и го отпуштил со големи почести да ги оствари своите намери. Но приемот, на кој наишол храбриот и прочуен војсководител, предизвикал љубомора кај Јоава, кој бил војсководител во Давидовата војска. Меѓу Авенира и Јоава постоело заколнато непријателство, зашто првиот во војната меѓу Израелците и Јудејците го убил братот на Јоава, Асаила. Бидејќи на Јоава сега му се дала можност да ја одмазди смртта на својот брат и да се ослободи од соперникот кој имал многу изгледи на успех, решил да го намами Авенира и да го убие.

Кога слушнал за тој предавнички препад, Давид рекол: „Не сум виновен јас ниту моето царство пред Господа засекогаш за крвта на Авенира, синот на Нир. Нека падне таа врз главата на Јоава и врз целиот дом на неговиот татко.“ Имајќи ја предвид несигурната состојба на своето царство, но и силата и положбата на убиецот - зашто со Јоава се согласил и неговиот брат Ависај - Давид не можел да го
700 казни злосторството според правдата; но сепак, јавно ја покажал својата одвратност кон тоа крваво дело. Авенир е закопан со сите јавни почести. Војската, на чело со Јоава, со искината облека и во црнина, морала да присуствува на тажното богослужение. Царот ја покажал својата болка постејќи во денот на закопот. Одел прв зад сандакот и на гробот изговорил тажанка што претставувала остар прекор за убиецот. Тагувајќи за Авенира, царот рекол:

*„Зар како безумник требаше да умре Авенир?*
*Рацете твои не беа врзани.*
*Нозете твои не беа оковани.*
*И ти падна, како што паѓаат од разбојници.“*

2. Самоилова 3,33-35

Со тоа што великодушно му укажал почит на човекот кој бил негов огорчен непријател, Давид задобил доверба и поттикнал восхит кај сиот израелски народ. „И целиот народ дозна за тоа, и тоа му се допадна, и сѐ што правеше царот, му се допаѓаше на сиот народ. Тој ден целиот народ и сите Израелци дознаа дека убиството на Авенира, Нировиот син, не било дело на царот.“ Во тесниот круг на своите доверливи советници и придружници царот зборувал за злосторството и за тоа како не е во можност да го казни убиецот како што би сакал; работата му ја препуштил на Бога и на неговата правда: „Знаете ли дека денес еден водач и голем маж падна во Израел? Јас сум сега уште слаб, иако сум помазан за цар, а тие луѓе, синовите на Серуја, се посилни од мене; но, на оној што прави зло, Господ да му врати според неговата злоба.“

Авенир бил искрен кон Давид во сите свои побуди, но намерите сепак му биле ниски и себични. Тој тврдоглаво му се опирал на царот што го избрал Бог, посакувајќи со тоа да си осигури чест за себе. Поради ујаденоста и повредената гордост, по долгогодишна служба на една страна тој преминал кај Давида, надевајќи се дека и во неговата служба ќе стекне највисока положба. Кога неговите очекувања би се оствариле, неговата голема надареност, честољубието, неговата моќ да влијае врз луѓето, како и недостигот од побожност, би го довеле во опасност Давидовиот престол, мирот и благосостојбата на нацијата.

„А кога Сауловиот син, Исвостеј, чу дека Авенир загинал во Хеврон, му се спуштија рацете, и цел Израел се збуни.“ Било очигледно дека царството не може долго да се одржи. Набргу уште 701
едно предавство ја довршило пропаста на силата што исчезнувала. Исвостеја го убиле двајца негови блиски луѓе. Му ја пресекле главата, отишле кај јудејскиот цар, Давид, надевајќи се дека на тој начин ќе успеат да му се додворат.

Носејќи го со себе страшното сведоштво на своето злосторство, излегле пред Давида велејќи: „Еве ја главата на Исвостеја, синот на Саула, твојот непријател; тој ја бараше твојата душа, а сега Господ го одмазди мојот господар и цар на Саула и на неговото потомство.“ Но Давид, чијшто престол го утврдил лично Бог, ослободувајќи го од неговите противници, не сакал помош од предавници за да ја зацврсти својата власт. Затоа на убијците им ја раскажал судбината на оној кој се фалел дека го убил Саула, а потоа додал: „А што ќе сторам со злосторниците кои убиле чесен човек во неговиот дом, на неговата постела! Зар да не барам од вас сметка за неговата крв и да не ве истребам од земјата? И им заповеда Давид на своите војници и ги убија... а главата на Исвостеја ја зедоа и ја закопаа во гробот на Авенира во Хеврон.“

По смртта на Исвостеја, сите поглавари во Израел покажале желба Давид да биде цар над сите племиња. „Тогаш дојдоа сите племиња во Хеврон кај Давида и му рекоа: 'Еве, ние сме твоја коска и твое тело.'" А потоа изјавиле: „Ти го воведуваше и го изведуваше Израел. Тогаш сите Израелови старешини дојдоа кај царот во Хеврон и го помазаа Давида за цар над сиот Израел." На тој начин Божјето провидение му го израмнило на Давида патот кон престолот. Тој не настојувал да го задоволи своето сопствено честољубие, зашто не копнеел за честа што му била укажана.

Повеќе од осум илјади Аронови потомци од племето на Левие го чекале Давида. Промента во чувствата на народот била коренита и решителна. Револуцијата се одвивала мирно и достоинствено, што ѝ прилегало на големината на делото што било во тек. Речиси половина милион луѓе, кои порано биле Саулови приврзаници, се собрале во Хеврон и на околните брегови и долини. Бил утврден денот на крунисувањето; оној човек што бил протеран од Сауловиот
702 двор, кој бегал во планините и земните пештери за да го спаси својот живот, требало да ја прими највисоката чест што можат да му ја укажат на човекот неговите ближни. Свештениците, облечени во одежди за света служба, старешините, офицерите и војниците со блескотни мечеви и оклопи, и странците од далечни земји - сите стоеле и чекале да го видат крунисувањето на избраниот цар. Давид бил облечен во царска одежда. Свето масло на главата му излеал првосвештеникот - зашто Самоиловото помазание претставувало само пророчки чин кој најавувал што треба да прави при крунисувањето. Настапил и тој миг и царот со свечен обред бил посветен за Божји застапник. Во рацете му е ставен жезол. Потоа бил напишан завет во врска со неговото законито владеење, а народот му положил заклетва на верност. На неговата глава е ставена дијадема и со тоа обредот на крунисување бил завршен. Така Израел го добил царот што го определил Бог, а Давид, кој стрпливо го чекал Господа, доживеал да види како се исполнуваат Божјите ветувања. „И Давид постојано напредуваше, зашто Господ Бог над војските беше со него" (2. Самоилова 5,10).

70

# ВЛАДЕЕЊЕТО НА ДАВИДА

*Оваа глава е заснована на 2. Самоилова 5,6-25; 7. 9. и 10 глава*

Штом стапил на престолот, Давид почнал да бара погоден град кој би можел да биде престолнина на неговото царство и нашол едно место околу триесетина километри од Хеврон кое го избрал за главен град. Пред Исус Навин да ги преведе Израеловите чети преку Јордан, тоа место се викало Салим. Недалеку од тука, Аврам му ја докажал својата верност на Бога. Осумстотини години пред Давидовото крунисување, тоа било родно место на свештеникот на севишниот Бог, Мелхиседек. Тој град бил во центарот на земјата, на висорамнина, и бил заштитен со венец од гори. Наоѓајќи се на границата меѓу племето на Венијамина и Јуда, бил сосема близу и до племето на Ефрема, а лесно било оттаму да се дојде и до другите племиња.

За да го заземат тоа место, Евреите морале да го истераат остатокот на Хананците кои имале утврдени положби на горите Сион и Морија. Тврдината се викала Евус, а неговите жители биле познати под името Евусејци. Со векови се сметало дека Евус не може да биде освоен; но Евреите го опседнале и го зазеле градот предводени од Јоава кој, поради својата храброст, бил поставен за врховен заповедник на војската. Така Евус станал престолнина на земјата, а неговото незнабожечко име е променето во Ерусалим.

Тогаш владетелот на богатиот град Тир, Хирам, на брегот на Средоземното Море, му предложил сојуз на израелскиот цар и му понудил на Давида помош да изгради дворец во Ерусалим. Од Тир се пратени пратеници со ѕидари и работници и со долги карвани скапоцено дрво, кедар и друг вреден материјал.

Засилувањето на Израел по обединувањето под водство на царот Давид, освојувањето на тврдината Евус и сојузот со тирскиот цар, Хирам, предизвикале непријателство кај Филистејците,
па повторно навлегле со силна војска и ја запоседнале Рафајската 704
долина, недалеку од Ерусалим. Давид со своите луѓе се повлекол во

тврдината Сион, таму да го праша Господа за совет. „Тогаш Давид го праша Господа велејќи: ’Дали да излезам против Филистејците? Дали ќе ги предадеш во мои раце?’ А Господ му рече на Давида: ’Излези! Навистина ќе ги предадам Филистејците во твои раце.’“

Давид веднаш тргнал против непријателите, ги разбил и ги уништил и им ги одзел идолите што ги понеле да си обезбедат себеси победа. Ујадени и посрамени поради поразот, Филистејците собрале уште поголема војска и се вратиле назад во борба. И повторно се „раширија во Рафајската долина“. Уште еднаш Давид го побарал Господа, и големиот „Јас сум“ го презел водството над војската Израелова.

Бог на Давида му го дал следното упатство: „Немој да им излегуваш во пресрет, туку заобиколи ги одзади и нападни ги откај горичката со црници. Кога ќе чуеш шум по врвовите на црниците, тогаш појди, зашто во тој миг Господ тргнал пред тебе да ја порази филистејската војска.“ Кога Давид, како некогаш Саул, би постапувал по своја волја, не би имал успех. Но тој постапил како што заповедал Бог „и го порази филистејскиот логор, од Гаваон до Газер. И Давидовото име се разнесе низ сите земји, и Господ го направи страшно за сите народи“ (1. Дневникот 14,16.17).

Зацврстувајќи го својот престол и ослободувајќи ја земјата од ударите на надворешните непријатели, Давид се впрегнал во остварување на своите омилени намери - Божјиот ковчег на заветот да го пренесе во Ерусалим. Ковчегот многу години бил во Киријат-Јарим, оддалечен околу петнаесет километри; но било ред на престолнината да ѝ се укаже почест со тоа што во неа ќе биде Божјето присуство.

Давид повикал триесет илјади одбрани луѓе од Израел и имал намера таа пригода во врска со пренесувањето на ковчегот да ја искористи за организирање на голема радосна свеченост. Народот со задоволство го прифатил неговиот повик. Во Вала Јудина се собрале сите кнезови и племенски старешини, потоа првосвештеникот и сите негови браќа кои биле во света служба. Давид блескотел од света ревност. Ковчегот на заветот го изнеле од куќата на Авинадава и го поставиле на нова кола зад која оделе двајца синови на Авинадава.

Народот ги придружувал триумфирајќи и пеејќи од радост, при што мноштво гласови се слевале со звуците на музичките ин-
705 струменти. „А Давид и сите синови Израелови свиреа пред Господа на различни свирки од кипарисово дрво, на гусли, на псалтири, на тимпани, на цитри и кимвали.“ Таква радосна сцена Израел одамна не видел. Преку ритчињата и долините кон светиот град со света радост се движела долга поворка.

Но, „кога дојдоа до гумното на Нахона, Уза посегна со раката кон Божјиот ковчег за да го придржи, и се фати за него, бидејќи воловите го беа наведнале. Но Господ се разгневи на Уза и го уби Бог за таа невнимателност на истото место, и тој умре таму при Божјиот ковчег." Наеднаш веселата поворка ја обзел ненадеен страв. Давид бил силно погоден и мошне вознемирен и во своето срце дури ја доведувал во прашање Божјата правда. Тој имал намера да му укаже слава на ковчегот на заветот, како симбол на Божјето присуство. Тогаш зошто се случило таа страшна казна радоста да ја претвори во болка и тага? Чувствувајќи дека е опасно ковчегот на заветот да биде во негова близина, Давид решил да го остави тука каде што се затекол моментно. И место се нашло во куќата на Овид-Едом Гетеецот.

Судбината на Уза претставувала Божја казна за прекршок на изричната заповед. Бог преку Мојсеја дал посебни упатства за пренесување на ковчегот на заветот. Само на свештениците, потомците на Арона, им било дозволено да го допрат ковчегот или да го видат кога бил откриен. Божјата заповед гласела: „Тогаш нека дојдат синовите Катови да го носат, но нека не допираат ниту еден свет предмет за да не загинат" (4. Мојсеева 4,15). Свештениците прво морале да го покријат ковчегот, па дури тогаш да дојдат синовите на Кат и да го подигнат на шипките што биле провлечени низ посебни алки прицврстени од странaта на ковчегот и кои никогаш не се вaделе. На синовите на Гирсон и Мерарие, кои требало да водат сметка за покривката, за штиците и за столбовите, Мојсеј им дал кола и волови за пренесување на она што им било доверено. „А на синовите на Кат не им даде ништо, зашто нивна работа беше да служат во Светилиштето и да носат на рамо" (4. Мојсеева 7,9). Според тоа, изнесувајќи го ковчегот од Вала Јудина, Израелците директно и непростливо се огрешиле против Господовите упатства.

Давид и неговите приврзаници се собрале да извршат еден свет чин и кон тоа пристапиле наполно доброволно и со радосно срце; но Господ не можел да ја прими нивната служба, зашто не 706
била изведена сообразно со неговите наредби. Филстејците, кои не знаеле ништо за Божјите закони, ковчегот го ставиле на кола кога им го враќале на Израелците и Господ ги прифатил нивните напори. Меѓутоа, Израелците ја познавале Божјата волја во тој поглед, па занемарувањето на неговите упатства значело обесчестување на Бога. Гревот на Уза се состои во тоа што се осмелил да ја пречекори границата на дозволеното. Престапувањето на Божјиот закон ја ослабело неговата свест за светоста на истиот и, не каејќи се за своите гревови, тој - и покрај изричната Божја забрана - се осмелил да го гибне симболот на Божјето присуство.

Бог не може да прифати никаква делумна послушност, ниту да го одобри немарното или лекомислено однесување кон неговите заповеди. Казнувајќи го Уза, Бог сакал на сите Израелци да им укаже на тоа колку е важно строго да се придржуваме кон неговите барања. Така смртта на еден човек, наведувајќи го народот на покајание, ја отстранила казната од безброј илјадници.

Чувствувајќи дека срцето кон Бога не му било наполно исправно, и кога ја видел смртта на Уза, Давид се уплашил од ковчегот; се загрижил и него да не го снајде казна поради неговиот грев. Но Овид-Едом, иако се радувал тресејќи се, топло го поздравил светиот симбол, залогот на Божјата милост кон послушните. Сега вниманието на цел Израел било насочено кон Гетеецот и неговото семејство; сите очекувале да видат како ќе помине тој. „А Господ го благослови Овид-Едома и сиот негов дом.“

Божествената опомена дејствувала врз срцето на Давида. Како никогаш порано, тој ја сфатил светоста на Божјиот закон и потребата од строга послушност. Милоста покажана кон домот на Овид-Едом му ја вратила на Давида надежта дека ковчегот на заветот ќе му донесе благослов и нему и на неговиот народ.

По три месеци решил да го повтори обидот во врска со пренесувањето на ковчегот на заветот и сега внимавал во секоја подробност да се почитуваат Господовите упатства. Повторно се повикани сите водечки луѓе и огромно мноштво се собрало пред домот на Гетеецот. Луѓето што ги определил Бог со страхопочит го кренале ковчегот на рамо, народот се наредил во редови со растреперено срце и големата поворка тргнала. Кога поминале шест чекори, со звук на труба е наредено да се застане. Давид заповедал
707 да се „принесе на жртва вол и овен“. И тогаш, наместо тресење од страв, завладеала радост. Царот ја слекол својата царска одежда и се наметнал со обичен ленен плеќник каков што носеле свештениците. Тој со тоа не сакал да покаже како презема свештеничка должност: таква наметка повремено носеле и други луѓе. Но сакал во таа света служба пред Бога да биде еднаков со своите приврзаници. Тој ден требало да се обожава Јехова; Тој требало да биде единствен на кого ќе му се оддава чест.

Потоа поворката повторно тргнала, а кон небото се издигнувале звуци од харфи, труби, кимвали и псалтири, слевајќи се со мелодијата на безброј гласови. „А Давид играше со сета сила пред Господа“, воден од ритмот на песната и музиката.

Со Давидовото играње, кое било израз на радост и страхопочит пред Бога, многу љубители на задоволствата денеска го правдаат современиот, модерен танц, но тој доказ нема основа. Играњето денеска е поврзано со лудости и со ноќни пијанчења. На таквото

задоволство му се жртвуваат и здравјето и моралната чистота. За оние што посетуваат сали за балови Бог не е предмет на размислување и страхопочит; молитвите и пеењето во тие кругови би се сметале за неумесни. Задоволствата што можат да ја намалат нашата љубов кон она што е свето и возвишено и радоста што ја чувствуваме служејќи му на Бога - такви задоволства христијаните не треба да сакаат. Музиката и играта при радосното фалење на Бога при пренесувањето на ковчегот немаат никаква сличност со денешните разуздани игри. Во таа пригода со музиката и играта е покажуван стремеж да се слави Бог и да се велича неговото свето име. А модерните игри не се ништо друго освен лукавство на сатаната пресметано на тоа луѓето да го заборават Бога и да го обесчестат неговото име.

Триумфалната поворка се приближувала кон престолнината, носејќи го симболот на невидливиот Цар. А тогаш екнала песна во која од стражата на ѕидовите се барало да ја отворат портата на светиот град:

*„Порти, подигнете ги своите глави!*
*Врати исконски, подигнете се,*
*Царот на Славата да влезе!“*

Група пејачи кои играле, прашала:

*„Кој е тој Цар на славата?“*

А друга група одговарала:

*„Тоа е Господ - силен и моќен,*
*Господ моќен во бојот!“* 708

Потоа стотици гласови се слеале во заедничка победоносна хорска песна:

*„Порти, подигнете ги свои глави!*
*Врати исконски, подигнете се,*
*Царот на славата да влезе!*

И пак е повторено радосното прашање: „Кој е тој цар на славата?“ А голема група народ, „слично на бучава на силни води“, восхитено одговарала:

*Господ Семоќниот -*
*Тој е Цар на Славата!“*

Псалм 24,7-10

Потоа портата се отворила ширум, поворката влегла внатре, а ковчегот на заветот со страхопочит е ставен во шаторот што бил приготвен за него. Пред Светилиштето биле подигнати олтари. Димот од жртвите паленици и од жртвите благодарници се мешал со мирисот од темјанот и се издигнувал кон небото заедно со израелските песни и молитви. Кога богослужението било завршено, царот изговорил благослов над својот народ. А потоа, покажувајќи царска дарежливост, наредил да се поделат подароци во храна и вино за народот да се освежи.

На прославата на најсветиот настан во Давидовото владеење до тогаш, присуствувале претставници од сите племиња. Врз царот почивал дух на божествено вдахновение, и кога последните сончеви зраци при залезот го осветлиле шаторот, тој со сето срце му се обратил на Бога, благодарејќи му што благословениот симбол на неговото присуство сега е толку близу до израелскиот престол. Опфатен со такви чувства, Давид се вратил „да го благослови својот дом“. Но таму се наоѓал некој кој целата сцена на радост ја посматрал со поинаков дух од оној што го поттикнувал срцето на Давида. „Кога ковчегот Господов влегуваше во Давидовиот град, Сауловата ќерка, Михала, гледаше од својот прозорец, и откако го виде царот Давид како скока и игра пред Господа, го презре во своето срце.“ Огорченоста не ѝ дала мир да почека додека Давид да се врати во дворот, туку му излегла во пресрет и при неговиот пријателски поздрав го опсипала со порој тешки зборови. Нејзиниот напад бил остар, навредлив и полн со иронија:

„Колку се прослави денеска царот Израелов, разголувајќи се пред очите на слугинките на своите слуги, како што се разголува прост човек.“

711 Давид чувствувал дека Михала всушност ја презира Божјата служба, па строго ѝ одговорил: „Пред Господа ќе играм; и благословен е Господ кој ме постави пред татко ти и пред целиот негов дом, поставувајќи ме за водач на Господовиот народ, Израел; пред Господа ќе свирам и ќе играм.“ Кон Давидовиот укор се придружил и Господов укор: Поради својата гордост и дрскост, Михала немала деца сè додека била жива.

Свечените обреди за време на пренесувањето на ковчегот на заветот оставиле траен впечаток врз израелскиот народ, будејќи кај него подлабоко интересирање за службата во Светилиштето и повторно поттикнале кај него ревност за Јехова. Давид со сите

средства што му стоеле на располагање настојувал тој впечаток да биде уште подлабок. Во богослужението како редовен составен дел на службата е внесена песна; Давид составувал псалми, наменети не само за свештениците во службата, туку и за народот при годишните свечености пред националниот олтар. На тој начин верското влијание станувало мошне далекусежно и придонесувало народот да се ослободи од идолопоклонството. Многу околни народи почнале поволно да мислат за израелскиот Бог кој за својот народ направил толку големи работи.

Шаторот за состанок што го направил Мојсеј, со сето она што било неопходно во службата на Светилиштето, сè уште се наоѓал во Гаваја. Меѓутоа, Давид имал намера од Ерусалим да создаде верски центар. За себе изградил царска палата, па чувствувал дека не прилега ковчегот на заветот да остане во еден шатор. Затоа решил за него да изгради храм кој со својот сјај ќе сведочи колку Израелците знаат да ја ценат честа што им е укажана со тоа што Јехова со своето присуство постојано е со нив. Кога својата намера му ја изнел на пророкот Натан, овој со својот одговор уште и го охрабрил, велејќи: „Прави сè што ти е во срцето, зашто Господ е со тебе.“

Но уште истата ноќ Господ му се јавил на Натана и му дал порака за царот. Царот бил лишен од предимството да му направи дом на Господа, но му било дадено уверување дека Божјата милост е со него, со неговото потомство и со израелското царство: „Вака вели 712
Господ Саваот: ’Јас те зедов од стадото за да бидеш водач на мојот народ Израел, и секогаш бев со тебе; каде и да одеше, ги истребував од пред лицето твое сите твои непријатели и го возвеличував името твое, како на големите луѓе на земјата. Јас ќе одредам место за мојот народ, Израел, и ќе го утврдам, и тој спокојно ќе живее во своето место и нема повеќе да се обеспокојува, и нечестиви луѓе нема повеќе да го измачуваат, како порано.’“

Бидејќи Давид сакал да му изгради дом на Господа, дадено му е ветување: „И Господ те известува дека Тој ќе ти подигне дом... Јас ќе го воздигнам по тебе твоето семе... Тој ќе му изгради дом на моето име, и Јас ќе го утврдам престолот на неговото царство засекогаш.“

Дадена е и причината зошто Давид не требало да ѕида храм: „Многу крв си пролеал и големи војни си водел; нема ти да му изградиш дом на моето име“ (1. Дневникот 22,8). „Еве, ќе ти се роди син; тој ќе биде мирен човек; ќе му дадам спокојство од сите околни непријатели; затоа неговото име ќе биде Соломон. Во неговите дни ќе му дадам на Израел мир и спокојство. Тој ќе му изгради дом на моето име“ (1. Дневникот 22,8-10).

Иако не му била исполнета најголемата желба на неговото срце, Давид веста сепак ја примил со благодарност. „Кој сум јас, Господе Боже, и што е мојот дом, та толку ме подигна? Но и тоа се покажа малку во твоите очи, Боже. Ти навестуваш за домот на твојот слуга далечна иднина.“ (1. Дневникот 17,16.17). Тогаш Давид го обновил заветот со Господа.

Давид знаел дека изведувањето на делото што го посакувал во своето срце би му донело чест на неговото име и слава на неговото владеење; но бил подготвен својата волја да ја стави под Божја волја. Таква помиреност со Божјата одлука, па уште и благодарност, ретко се среќаваат дури и меѓу христијаните. Колку често луѓето со намалена животна сила сакаат да направат некое големо дело што го замислиле во своето срце, иако за таа работа се неспособни! Божјето провидение можеби им зборува, како што му го објаснил тоа пророкот на Давида, дека делото што тие толку топло сакаат
713 да го извршат не им е наменето ним. Ним им припаѓа само подготовката на патот за друг што ќе дојде да го изведе. Но, наместо да го прифатат Божјиот план, мнозина отстапуваат, чувствувајќи се занемарени или отфрлени и, бидејќи не можат да го остварат она што го посакувале, тие не прават ништо. Мнозина, кои немаат многу сили, товарат на себе одговорности што не можат да ги носат и напразно се трудат да исполнат некоја задача за која не се способни, додека она што би можеле да го сторат, останува занемарено. И така, поради недостиг од соработка од нивна страна, многу важни работи остануваат недовршени или непочнати.

Во својот завет со Јонатана, Давид ветил дека, откако ќе здивне од своите непријатели, ќе му укаже милост на Сауловиот дом. Во своите добри времиња царот си спомнал за тој завет, поставувајќи прашање: „Ако останал уште некој од Сауловиот дом, јас би му укажал милост заради Јонатана.“ Тогаш му го спомнале синот на Јонатана, Мефивостеја, кој уште од своето детство бил куц. Кога Филистејците го победиле Саула во Езраелската долина, неговата доилка кога бегала го испуштила детето, па тоа останало сакато за цел живот. Давид тој млад човек го повикал на дворот и го примил великодушно. За издржување на семејството вратен му е приватниот имот на Саула, а тој како син на Јонатана бил постојан царев гостин и секојдневно јадел на царската трпеза. Давидовите непријатели со своите дошепнувања кај Мефивостеја создале силни предрасуди против Давида како грабач на израелскиот престол, но широкоградоста и пријателскиот прием на царот, како и постојаната добрина кон него, го задобиле срцето на младичот. Затоа му бил мошне предан на Давида и, слично на својот татко Јонатан,

увидувал дека неговите интереси едновремено се и интереси на царот што го избрал Бог.

По стапувањето на Давида на израелскиот престол, народот долго уживал мир. Околните народи, гледајќи ја силата и слогата на Израел, сметале дека ќе биде попаметно ако се воздржат од секое непријателство, а ниту Давид не мислел на напади, зашто бил зафатен со средување и со обнова на своето царство. Најпосле сепак стапил во војна со старите израелски непријатели, со Филистејците и Моавците, ги победил и ги натерал да му плаќаат данок.

Потоа е формиран голем сојуз на околните народи против Давида, што довело до најголеми војни и до најголеми победи во текот на неговото владеење и до исклучително зголемување на неговата моќ. Создавањето на непријателски сојуз, кој всушност 714
бил последица на љубомората кон сè поголемата моќ на Давида, не било предизвикано со никаква постапка од страна на Давида. Тој сојуз настанал под следните околности:

Во Ерусалим стигнала вест дека умрел амонскиот цар, Нас, кој Давида пријателски го примил кога бегал пред бесот на Саула. За да ја покаже својата благодарност кон добрината што му е укажана кога се наоѓал во неволја, Давид преку гласници му пратил свои изрази на сочувство на Ануна, синот и наследникот на амонскиот цар Нас. „И Давид рече: 'Ќе покажам милост кон Ануна, синот на Нас, за добрината што ми ја направи татко му.'"

Но неговата пријателска постапка била погрешно протолкувана. Амонците го мразеле вистинскиот Бог и биле огорчени непријатели на Израелците. Всушност привидното пријателство на Нас кон Давида било само омраза кон израелскиот цар Саул. Советниците на Ануна лошо ја протолкувале Давидовата порака. Тие му велеле: „Зар мислиш дека Давид од почит кон татко ти пратил кај тебе утешители? Да не ги прати Давид своите слуги кај тебе да го прегледаат градот и да ја видат неговата одбрана па потоа да го разурнат?" Под влијание на своите советници, половина век пред тоа Нас поставил сурови услови кога опседнатите жители на Јавис Галадов побарале примирје. Нас си барал право за себе на секого да му го ископа десното око. Амонците сè уште живо си спомнувале како израелскиот цар ја осуетил нивната свирепа намера и ги ослободил луѓето кои тие сакале да ги понижат и осакатат. Сè уште биле инспирирани со истата омраза кон Израелците. Тие не можеле да ги сфатат благородните чувства со кои дишела Давидовата порака. Кога сатаната ќе завладее со човечкиот дух, тогаш тој предизвикува омраза и сомневање кое погрешно ќе ги протолкува и најдобрите намери. Слушајќи ги своите советници,

Анун во Давидовите пратеници видел шпиони и ги опсипал со пцости и навреди.

На Амонците им било дозволено непречено да ги изведат лошите намери на своето срце со цел на Давида да му се открие нивниот вистински карактер. Не била Божја волја израелскиот народ да стапи во сојуз со тој незнабожечки народ.

Во древните времиња, токму како и денес, службата на еден пратеник (амбасадор) е сметана за светиња. Благодарение на тој општ закон за сите народи, тие лично биле заштитени од секакво
715 насилство или навреди. Бидејќи пратеникот бил претставник на својот господар, секоја недостојна постапка кон него предизвикувала брза одмазда. Амонците знаеле дека Израелците ќе се одмаздат за навредата што им била нанесена, па се приготвиле за војна. „Кога Амонците видоа дека се омразија со Давида, тогаш Анун и Амонците пратија илјада таланти сребро за да најмат коли и коњаници од Сирија Месопотамска, од Сирија Махова и од Сова. И најмија триесет и две илјади коли... Се собраа и Амонците од своите градови и излегоа на војна“ (1. Дневникот 19,6.7).

Всушност, тоа бил силен сојуз. Сите жители меѓу Еуфрат и Средоземното Море стапиле во сојуз со Амонците. На север и на исток од Ханан се наоѓале вооружени непријатели кои се здружиле да го уништат израелското царство.

Евреите не чекале непријателите да им навлезат во земјата. Нивната војска, под водство на Јоава, преминала преку Јордан и се упатила кон престолнината на Амонците. Кога водачот на еврејската војска своите борци ги извел в поле, ги охрабрил пред битката со зборовите: „Биди јунак и да се држиме јуначки за нашиот народ и за градовите на нашиот Бог. А Господ нека стори што му е волја“ (1. Дневникот 19,13). Обединетите сили на сојузниците биле совладани во првиот судир. Но тие сепак не отстапиле од борбата, туку идната година повторно завојувале. Сирискиот цар ја собрал својата војска и му се заканувал на Израел со огромна сила. Увидувајќи што сѐ зависи од исходот на таа борба, Давид лично излегол на боиштето и со Божји благослов толку страшно ги поразил сојузниците, што Сиријците од Ливан до Еуфрат, не само што отстапиле од војната, туку морале на Израелците да им плаќаат и данок. Против Амонците Давид решил да војува сѐ додека нивните тврдини не паднале, и целата таа област потпаднала под власт на Израел.

Опасностите што се заканувале целосно да го уништат Израел, по Божје провидение станале само средства што го издигнале избраниот народ до големина каква што до тогаш ја немал. Во

знак на сеќавање на тие чудесни ослободувања, Давид ја испеал следната песна:

*„Да живее Господ! Слава на мојот Бранител!*
*Возвишен да е Господ, мојот Спасител!*
*Тој Бог за мене се одмаздува,*
*Под мене народи потчинува,*
*И од душмани ме спасува!*
*Над противниците ме издигнува,*
*Од насилници ме избавува!*
*Затоа ќе те славам меѓу народите, Господе,* 716
*Ќе му пеам славопои на Твоето име!*
*Блескави победи на царот Свој му даде,*
*И милосрдност на помазаникот Твој, на Давида,*
*И на неговото потомство, довека!“*

Псалм 18,46-50

Во сите Давидови песни се истакнува пред народот дека Јехова е нивна сила и нивни ослободител.

*„Не го спасува царот многубројната војска,*
*Не го избавува јунакот неговата снага;*
*Надежта за спас во коњот е празна,*
*Не спасува неговата голема сила.“*
*„Ти, Царе мој, и Боже мој,*
*Ти нареди Јаков да победи!*
*Преку тебе ги одбивме непријателите,*
*Преку твоето име ги прегазивме душманите!*
*Зашто, мојата надеж не е во лакот,*
*Не ми носи победа мечот;*
*Туку, ти ни подаруваш победи*
*Над нашите непријатели*
*И ги посрамуваш нашите противници!“*
*„Едни се повикуваат на коли, други на коњи,*
*А ние - на името на нашиот Господ Бог!“*

Псалм 33,16.17; 44,4-7;20,7

Така израелското царство ја постигнало големината што му била ветена на Аврама и подоцна повторена на Мојсеја. „На твоето

семе му ја дадов оваа земја од египетската вода до големата вода, водата Еуфрат“ (1. Мојсеева 15,18; 5. Мојсеева 11,22-25). Израелците станале силна нација што ја почитувале и од која се плашеле сите околни народи. Давидовата моќ во неговото царство била мошне голема. Тој, како ретко кој владетел, целосно ја добил довербата на својот народ. Го почитувал Бога и Бог го прославил.

Но среде благосостојбата демнела опасност. Во времето на својот најголем надворешен успех, Давид се нашол во најголема опасност - го доживеал својот најтежок пораз и своето најголемо понижување.

71

# ГРЕВОТ НА ДАВИДА И НЕГОВОТО ПОКАЈАНИЕ

*Оваа глава е заснована на 2. Самоилова 11 и 12 глава*

Во Библијата малку пофалби има за луѓето. Малку место е посветено на опишување на добродетелите дури и на најдобрите луѓе што живееле на овој свет. Тоа молчење не е случајно и треба да даде поука. Сите добри особини што ги поседуваат луѓето се Божји дарови: нивните добри дела се направени со Божја милост преку Христа. Бидејќи луѓето за сè му должат на Бога, нему и му припаѓа честа и славата за сè што постигнале и сториле; тие се само орудие во неговите раце. Уште повеќе, како што кажуваат сите поуки на кои наидуваме во библиската историја, опасно е да ги фалиме и да ги обожаваме луѓето бидејќи, кога еден човек ќе ја загуби својата целосна зависност од Бога и кога ќе се потпре само врз своите сопствени сили, сигурно е дека ќе пропадне. Човекот се бори со непријатели кои се посилни од него. „Нашата војна не е против крв и тело, туку против началствата, против властите, против врховниците на овој мрачен свет: против лошите духови кои престојуваат во небесните простори“ (Ефесците 6,12). Ние не сме во состојба со наша сила да опстанеме во борбата; а сè што ги изделува мислите од Бога и води кон самоувереност и извишување, сигурно го подготвува патот за нашиот пораз. Целта на Библијата е да ни влее недоверба во човечката, а да нè поттикне кон доверба во Божјата сила.

Токму духот на самоувереност и самоизвишување го приготвил патот за падот на Давида. Ласкањето и опасните привлечности што ги пружа раскошниот живот не останале без влијание врз него. Лошо дејствувало и општењето со соседните народи. Според обичаите што постоеле меѓу владетелите на Исток, злосторствата и престапите казнувани кај обичните државјани не се осудувани ако би ги сторил царот; владетелот не бил должен да негува самосовладување како неговите граѓани. Сето тоа придонело Давид да го загуби чувството за огромната тежина на гревот. И

наместо целосно да се потпре врз силата на Јехова, почнал да се
718 потпира врз својата мудрост и моќ. Штом сатаната ќе успее да ја оддели душата од Бога, единствениот извор на сила, веднаш ќе се обиде да предизвика понижувачки желби на човековата сетилна природа. Непријателот не настапува одненадеж; тој не почнува нагло и уочливо, туку потајно ја поткопува тврдината на основните начела. Тој почнува со навидум малечки работи, како што се: занемарувањето на верноста кон Бога и, наместо доверба во него, развива склоност да се следат световните навики и обичаи.

Пред крај на војната со Амонците, Давид командата над војската му ја препуштил на Јоава, а самиот се вратил во Ерусалим. Израелците Сиријците веќе потполно ги покориле, а и поразот на Амонците бил сигурен. Давид бил опкружен со плодовите на победите и почестите што му припаѓаат на еден мудар и способен владетел. И во својата благосостојба, кога попуштил во будноста над самиот себе, искушувачот ја искористил приликата да ги обземе неговите мисли. Тоа што Бог бил со него во толку тесна врска и што му укажал толку голема милост, за Давида требало да биде најсилен поттик својот карактер да го сочува неизвалкан. Но, кога во својата удобност и самоувереност престанал да се потпира врз Бога, Давид му се предал на сатаната и ја извалкал својата душа со грев. Тој, кого Небото го определило да биде народен водач, кого Бог го одбрал да го спроведува неговиот закон, сам ги погазил неговите прописи. Тој, кој за престапниците на законот требало да биде страв и трепет, ги охрабрил со својата сопствена постапка.

Секогаш кога во својот поранешен живот се нашол во опасност, Давид својот случај со мирна совест можел да му го довери на Бога. Господовата рака сигурно го водела низ безбројни животни стапици поставени пред неговите стапала. Но овојпат, обременет со грев, не бил подготвен да се покае и да побара помош и водство од Небото, туку се обидел сам да се извлече од опасноста во која го вовлекол гревот. Витсавеја, чијашто убавина станала стапица за царот, била жена на Урија Хетеецот, еден од најхрабрите и најревносни Давидови војсководители. Никој не можел да ги предвиди последиците во случај престапот да се дознае. Според Божјиот закон, браколомството се казнувало со смрт, а навредениот и горд војник би можел да се одмазди на тој начин што би го убил царот или би предизвикал бунт кај народот.

Сè што презел Давид за да го скрие својот грев, се покажало неуспешно. Стапил под власт на сатаната; го демнела опасност и
719 го очекувал срам почемерен од смртта. Му се чинело дека постои само еден излез, и тој во својот очај побрзал кон браколомството

да придодаде и убиство. Оној што придонел за Сауловата пропаст, настојувал да го уништи и Давида. Иако искушенијата биле различни, тие еднакво воделе кон престап на Божјиот закон. Давид размислувал: Ако Урија падне во битката од непријателски раце, кривицата за неговата смрт не може да биде фрлена врз царот, а Витсавеја ќе биде слободна и ќе може да ја земе за жена; со тоа би го отстранил сомневањето од себе и би го сочувал царското достоинство.

Урија сам, како гласник, ја носел својата смртна пресуда. Со сопствена рака му го предал на Јоава писмото со царска наредба: „Наместете го Урија таму каде што е најжестока битката, па повлечете се од него за да го убијат и да загине“ (2. Самоилова 11,12). Јоав, кој веќе на својата душа носел еден безочно одземен живот, не се притеснувал да го послуша царевото упатство, и Урија загинал од мечот на синовите Амонови.

До тој ден записот за Давидовото владеење бил таков со каков малку цареви можеле да се пофалат. За него стои напишано: „Царуваше над сиот Израел, судејќи и давајќи му правдина на сиот свој народ“ (2. Самоилова 8,15). Со својата праведност стекнал доверба и преданост кај народот. Но, кога се изделил од Бога и му се предал на злото, за извесно време станал орудие во рацете на сатаната; сепак, тој и понатаму ја заземал положбата и ја држел власта што му ја дал Бог, барајќи послушност што можела да ги доведе во опасност оние кои му се покорувале. Така Јоав, кој му бил повеќе предан на царот отколку на Бога, го престапил Божјиот закон по заповед на царот.

Давид својата власт ја добил од Бога и требало да ја користи само во согласност со Божјите закони. И кога наредил нешто што не било во согласност со Божјиот закон, тогаш било грев да се послуша. „Зашто нема власт која не е од Бога“ (Римјаните 13,1), но ако се налага нешто што е противно на Божјиот закон, тоа не треба да го слушаме. Апостол Павле во своето послание до Коринќаните ги изнесува начелата на кои треба да се придржуваме. Тој кажува: „Земете ме мене за пример, како јас што го зедов Христа“ (2. Коринќаните 11,1).

На Давида му е пратен извештај за извршената наредба, но тој извештај бил составен така за да не го оддаде ниту Јоава ниту царот. Јоав му наредил на гласникот: „Кога ќе му раскажеш на царот за
целиот тек на битката и ќе видиш дека царот се разгневува... тогаш 720
ти кажи: 'И твојот слуга Урија Хетеецот исто така е убиен.' Отиде пратеникот од Јоава при царот во Ерусалим и, откако стигна, му раскажа на Давида сѐ, како што му заповеда Јоав.“

При тоа царот одговорил: „Кажи му на Јоава вака: 'Да не те буни таа работа, зашто ножот истребува некогаш еден, некогаш друг; засили ја борбата против градот и сосипи го!' - така го поттикна."

Витсавеја тагувала за својот маж како што бил обичај, а кога жалните денови поминале, „Давид прати по неа и ја зеде во својот дом и таа му стана жена". Тој, на кого совеста и длабокото чувство на чест не му дозволувале да крене рака против Божјиот помазаник дури и во својата животна опасност, паднал толку ниско што на својот најверен и најхрабар борец можел да му нанесе таков срам и да го убие, надевајќи се дека непречено ќе ужива во сластите на својот грев. Авај! „Како потемни златото, како се измени најчистото злато!" (Плачот на Еремија 4,1).

Уште од почеток сатаната ги мамел луѓето со добивка до која можат да се доберат со престап. Така тој ги завел и ангелите. Така ги навел на грев Адама и Ева. Така тој и денеска ги наведува луѓето на непослушност кон Бога. На патот што води во грев тој му дава примамлив изглед, „но неговиот крај води во смрт" (Мудри изреки 14,12). Среќни се оние кои, осмелувајќи се да тргнат по тој пат, вкусиле колку се горчливи плодовите на гревот и на време се вратиле. Во својата милост Бог не го оставил Давида потполно да пропадне со измамната награда за гревот.

Бог морал да се вмеша, зашто тоа го барале интересите на целата израелска нација. По извесно време се дознало за Давидовиот грев со Витсавеја, и тоа создало сомневање дека тој ја организирал смртта на Урија. Господ бил обесчестен. Бог Давида го помагал и го ценел, а тој сега со својот грев погрешно го прикажал Божјиот карактер и му нанел срам на неговото име. Овој престап го снижил мерилото на побожноста во Израел и во срцата на мнозина ја намалил одвратноста кон гревот, додека грешниците со тоа биле уште повеќе охрабрени да грешат.

На пророкот Натан му било наредено да го прекори Давида. По својата содржина тоа била страшно строга порака. Малку владетели има на кои може да им се соопшти таква порака без животна опасност. Божјата осуда Натан ја изнел отворено, но со таква небесна мудрост, што кај царот предизвикал жалење и ја
721 разбудил неговата совест, и најпосле царот сам си изрекол смртна пресуда над себеси. Обраќајќи му се на Давида како на човек што Бог го одредил да ги чува и да ги штити правата на својот народ, пророкот му раскажал приказна во која се чувствувала неправдата и угнетувањето што требало да се исправат.

„Во еден град", раскажал пророкот, „имаше двајца луѓе - едниот богат, а другиот сиромав. Богатиот имаше мошне многу ситен и крупен добиток, а сиромавиот немаше ништо, освен една овчичка,

што ја беше купил мала и ја исхранил, и таа беше пораснала при него заедно со неговите деца; таа јадеше од неговиот леб, пиеше од неговата чаша, спиеше на неговите гради и му беше како ќерка. При богатиот човек дојде еден странец, и нему не му се свиде да земе од своите овци или од своите волови за да му зготви ручек на странецот, кој беше дошол при него, туку ја зеде овчичката на сиромавиот и му ја приготви неа на човекот, што беше дошол при него.“

Кога го слушнал тоа, царот се разгневил и рекол: „Жив ми Господ! Смрт заслужува оној човек што го направил тоа“ (2. Самоилова 12,5.6).

Натан го погледнал царот, ја подигнал десната рака кон небото и рекол: „Ти си тој... Зошто го пренебрегна зборот на Господа извршувајќи зло пред неговите очите?“ Виновниците можат да се обидуваат, како Давида, да ја скријат својата кривица од луѓето; тие можат да се потрудат своите лоши дела засекогаш да ги засолнат од човечкиот поглед, но „сѐ е голо и откриено пред очите на Оној пред кого мораме да дадеме сметка“ (Евреите 4,13). „Нема ништо скриено што нема да се открие, ниту тајно што нема да се дознае“ (Матеј 10,26).

Понатаму Натан рекол: „Така говори Господ, Бог Израелов: ’Јас те помазав за цар над Израел, те спасив од рацете на Саула ... Зошто го пренебрегна зборот на Господа, извршувајќи зло пред неговите очи? Урија Хетеецот го порази со меч, неговата жена ја зеде за своја жена, а него го уби со мечот на синовите Амонови. Затоа мечот нема да отстапи од твојот дом довека... Ете, јас ќе подигнам зло против твојот дом; ќе ги земам твоите жени на твои очи и ќе ги дадам на твојот ближен... Ти го изврши тоа тајно, јас пак ќе го извршам јавно, пред цел Израел.“

Укорот на пророкот го допрел срцето на Давида и ја разбудил 722
неговата совест; Давид го согледал својот грев во сета негова големина. Душата му се наведнала во покајание пред Бога. Тресејќи се рекол: „Му згрешив на Господа.“ Сето зло што им го правиме ние на другите го погаѓа, освен навредениот, пред сѐ Бога. Давид тешко му згрешил не само на Урија туку и на Витсавеја; и тој тоа длабоко го чувствувал. Во однос на Бога, неговиот грев бил бесконечно поголем.

Иако во цел Израел немало никој кој би можел да ја изврши смртната пресуда над Господовиот помазаник, Давид се тресел од страв дека со некоја брза Божја осуда би можел да биде убиен како виновник, без проштавање. Пророкот му рекол: „И Господ го симна од тебе твојот грев; нема да умреш.“ Но правдата морала да биде задоволена. Смртната пресуда од Давида била пренесена

на детето родено од неговиот грев. Така на Давида му била дадена можност да се покае; а патилата и смртта на детето за него биле потешка казна отколку самиот тој да умрел. Пророкот изјавил: „Но бидејќи со тоа ти им даде повод на непријателите Господови да го хулат, затоа синот што ќе ти се роди ќе умре.“

Кога детето се разболело, Давид постел и длабоко скршен се молел на Бога за животот на детето. Ја слекол својата царска облека и круна и многу ноќи лежел на земја со болка што му ја кинела срцето и се молел за невиното дете што страдало поради неговиот грев. „И влегоа при него старешините на неговиот дом да го кренат од земјата, но тој не сакаше и не јадеше леб со нив.“ Често при изречувањето на осуда над одделни лица или градови се случувало понизноста и покајанието да го одвратат ударот, а милосливиот Бог, кој радо проштава, праќал весници со порака на мир. Охрабрен со такви мисли, Давид бил истраен во своите молитви сè до смртта на детето. Меѓутоа, кога дознал дека детето умрело, мирно ја прифатил Божјата волја. Тоа бил прв удар на одмаздата што самиот тој ја сметал за оправдана; но Давид, потпирајќи се врз Божјата милост, не останал без утеха.

Има многу луѓе кои, читајќи ја Давидовата случка, се прашуваат: „Зошто воопшто е дозволено тој настан да се дознае среде народот? Зошто Бог сметал дека е потребно тоа темно место во животот на човекот кого Небото толку виско го ценело да се изнесе пред светот?“ Опоменувајќи го Давида поради неговиот грев, пророкот објаснил: „Со тоа дело им даде прилика на Господовите
723 непријатели да хулат.“ Во сите подоцнежни векови неверните луѓе
укажувале на Давидовиот карактер кој ја носел таа темна дамка, и зајадливо зборувале: „Ете каков е човекот кој е според Божјето срце!“ Така е исмевана верата, а Бог и неговата Реч навредувани; многу души се стврднале во неверството, а под плашт на побожност мнозина се охрабриле да прават грев.

Меѓутоа, историјата на Давидовиот живот не може да служи како оправдување за гревот. Додека ги уважувал Божјите совети, Давид е нарекуван човек по Божјето срце. Кога згрешил, тоа не било веќе случај сè додека во покајание не се вратил кај Господа. Божјата реч јасно кажува: „Не му беше на Господа мило тоа што го стори Давид“ (2. Самоилова 11,27). И Господ му рекол на Давида преку пророкот: „А ти што го пренебрегна зборот на Господа, извршувајќи зло пред неговите очи?... Затоа мечот нема да отстапи од твојот дом довека, бидејќи ти ме запостави.“ Иако Давид се каел за својот грев, иако Господ му простил и повторно го примил, сепак морал да ги пожнее горчливите плодови на семето што сам

го посеал. Казните што го снашле него и неговиот дом сведочат за тоа колку на Господа му е одвратен гревот.

До тогаш Божјето провидение го пазело Давида од одмаздата на неговите непријатели. Тоа најдобро се гледало во попречувањето на намерите на Саула. Но Давидовиот престап го изменил Божјиот однос кон него. Господ во никој случај не можел да го одобри неговото беззаконие. Тој не можел да ја употреби својата моќ да го заштити Давида од последиците на неговиот грев како порано што го пазел од Сауловото непријателство.

И кај самиот Давид настанала голема промена. Бил скршен во духот, свесен за својот грев и за неговите далекусежни последици. Се чувствувал понижен пред сите свои приврзаници. Неговото влијание било ослабено. До тогаш неговиот напредок ѝ се припишувал на совесната послушност кон Божјите заповеди. Но сега неговите приврзаници, на кои им бил познат неговиот грев, и сами можеле послободно да се однесуваат кон гревот. Неговиот авторитет ослабел и во неговото сопствено семејство; синовите сѐ помалку го слушале и го почитувале. Кога требало да ги осуди оние што згрешиле, чувството на сопствената кривица не му давало да зборува. Тоа чувство ја слабеело неговата рака при спроведувањето на правдата во својот сопствен дом. Неговиот лош пример имал влијание и врз неговите синови, а Бог не сакал ништо да преземе за да ги спречи последиците. Дозволил работите да одат по свој природен ток, и со тоа Давид бил строго казнет.

Цела година по својот пад Давид живеел во привидна сигурност; не можел да се види никаков надворешен знак на Божје негодување. Но врз него почивала Божја осуда. Бргу и сигурно се приближувал судниот ден и одмаздата што не можело да ја спречи 724
никакво каење; кај него настапувале душевни страдања и чувство на срам, што ќе го затемнат целиот негов живот на земјата. Сите што укажуваат на Давидовиот пример за да ја намалат кривицата на сопствените гревови би требало од овој библиски запис да научат колку е мачен патот по кој поминува престапникот. Дури и ако се вратат од својот зол пат, како Давид, ќе увидат колку се горчливи и тешко подносливи последиците на гревот уште во овој живот.

Бог сакал историјата на Давидовиот пад да послужи како опомена дека дури ни оние што Тој ги благословил со своја исклучителна наклоност не можат да бидат сигурни ако ги занемарат будноста и молитвата. Таа опомена корисно им послужила на сите што сакале да ја примат во своето срце како наука што Бог им ја дава на луѓето. Од поколение во поколение илјадници на тој начин биле упатени да ја сфатат сопствената опасност од моќта на искушувачот. Посматрајќи го падот на тој човек што Бог толку

високо го ценел, ја губеле довербата во својата сопствена сила. Чувствувале дека во верата може да ги одржи само Бог со својата сила. Увидувајќи дека нивната сила и безбедност лежат само во него, тие не се осмелувале ниту да зачекорат во областа на сатаната.

Уште пред Бог да ја изрече над него својата пресуда, Давид почнал да ги жнее последиците на својот престап. Совеста му била вознемирена. Неговите тогашни душевни патила се изнесени во Псалм 32, каде што тој кажува:

*„Среќен е оној, на којшто престапот му е простен,*
*Чиј грев е покриен!*
*Среќен е човекот,*
*Кого Господ за грев не го обвинува*
*И во чиј Дух нема измама!*
*Додека настојував да премолчам,*
*Коските ми се сушеа од секојдневните воздишки.*
*Дење и ноќе, твојата тешка рака ме притискаше,*
*Како на летна жега, снагата ми премалуваше.“*

Псалм 32,1-4

А педесет и првиот псалм претставува израз на Давидовото покајание кога Бог му пратил вест со укор:

*„Смилувај ми се, Боже, според твојата верна љубов;*
*Според твојата голема сочувствителност,*
725 *Избриши ги моите престапи.*
*Од сета моја вина измиј ме*
*И од мојот грев исчисти ме.*
*Зашто јас ги знам своите престапи,*
*Мојот грев ми е постојано пред очи.*
*Против Тебе, лично против Тебе згрешив,*
*Пред твои очи злосторство извршив;*
*Затоа, со право ќе проговориш*
*И со полно право ќе судиш...*
*Исчисти ме со исоп и ќе бидам чист;*
*Измиј ме и ќе бидам побел од снег!*
*Допушти ми да чујам радости и веселби,*
*Нека заиграат коските што Ти ми ги здроби!*
*Одврати го погледот од моите гревови*
*И избриши ми ја сета вина!*

*Создај ми чисто срце, Боже,*
*И здравиот дух обнови го во мене.*
*Не отфрлај ме од себе*
*И Светиот свој Дух не одземај го од мене!*
*Врати ми ја радоста на твоето спасение*
*И бодар дух подари ми, за да ме одржува.*
*На Твојата волја ќе ги учам престапниците,*
*Кај Тебе ќе се враќаат грешниците.*
*Спаси ме од вината за крв, Боже, Боже - Спасителе мој,*
*И ќе ја опевам твојата правда со мојот јазик!*
*Господе, отвори ми ги усните,*
*И устата моја ќе ја објавува славата твоја.“*

Псалм 5,1-5.7-15

Така во света песна наменета да се пее на јавни собири пред неговиот народ и во присуство на неговите дворјани - пред свештениците, судиите, кнезовите и воините - во песна со која неговиот пад требало да се овековечи и да се пренесува сè до последното поколение, израелскиот цар го изнесува својот грев, своето каење и својата надеж дека со Божја милост ќе добие проштавање. Наместо да се обидува да ја скрие својата кривица, тој сакал и другите да се поучат од историјата на неговиот пад.

Давидовото каење било искрено и длабоко; тој не се обидувал да го скрие својот престап. Во неговата молитва не се чувствува стремеж да ја одбегне осудата што му се заканувала. Напротив, тој ја сфатил тежината на својата непослушност кон Бога, увидувал дека душата му е извалкана и се гнасел над својот грев. Се молел не само за проштавање, туку и за чистота на срцето. Давид во својот очај не отстапил од борбата. Божјето ветување, наменето за грешниците што се каат, му служело како доказ дека и нему ќе му биде простено.

*„Зашто Ти во жртви не уживаш -*
*Јас би ги принел, но жртви палени Ти не сакаш.*
*Жртва за Бога е духот покајнички;*
*Покајано и понизно срце, Боже, не презираш.“*

Псалм 51,16.17.

726

Иако Давидовиот пад бил очигледен, Господ повторно го подигнал. Потоа тој бил во поцелосна хармонија со Бога и со своите ближни отколку пред својот пад. Радосен поради своето избавување, тој пеел:

*„Тогаш, гревот мој пред Тебе го признав*
*И својата вина веќе не ја криев. Реков:*
*'Ќе го признаам пред Господа својот престап',*
*- И Ти ми ја прости вината за гревот...*
*Ти си мое засолниште; од неволји ќе ме чуваш,*
*Со спасоносни песни ќе ме оградиш."*

Псалм 32,5-7

Мнозина тоа го нарекуваат Божја неправда и се бунат што Давид, чијашто кривица е толку голема, бил поштеден, додека Саул бил отфрлен поради нешто што во нивните очи било многу помалечок грев. Но Давид се понизил и го признал својот грев, додека Саул ги презирал опомените и срцето му се стврднало, одбивајќи да се покае.

Овој дел од Давидовиот живот има големо значење за секоја душа што се кае. Тој е највпечатлив приказ на борбите и искушенијата на човечкиот род, на вистинското каење пред Бога и на верата во нашиот Господ Исус Христос. Во сите подоцнежни векови тој настан ги храбрел душите што паднале во грев и што се бореле под товарот на својата кривица. Илјадници Божји деца, кои биле наведени на грев, пред да паднат во очај, си спомнувале како Бог го прифатил Давидовото искрено каење и неговата исповед, иако тој поради својот престап морал да страда; тоа им давало храброст да се покаат и одново да настојуваат да го следат патот на послушност на Божјите заповеди.

Секој што ќе ја послуша опомената и со понизна душа ќе го признае својот грев и ќе се покае, како Давид, може да биде сигурен дека за него постои надеж. Секој кој со вера ќе ги прифати Божјите ветувања, ќе добие проштавање. Господ никогаш нема да ја отфрли душата која искрено се кае. Неговото ветување гласи: „Нека стапи под моја закрила, нека склучи мир со мене, мир нека склучи со мене" (Исаија 27,5). „Безбожникот нека го остави својот пат, и злосторникот своите планови. Нека се врати кај Господа кој ќе му се смилува, и кај нашиот Бог, зашто има широко срце да прости" (Исаија 55,7).

72

# БУНТОТ НА АВЕСАЛОМА

*Оваа глава е заснована на 2. Самоилова 13 до 19 глава*

„А овцата да ја плати четворно“, гласела пресудата што Давид несвесно си ја изрекол самиот себеси кога ја ислушал приказната на пророкот Натан; и требало да му се суди токму според таа пресуда. Четири негови синови морале да паднат, а загубата на секој од нив била последица на гревот на татка си.

Срамното злосторство на својот најстар син, Амнон, Давид пропуштил да помине неосудено и неказнето. Според законот, прељубата се казнувала со смрт, а неприродното злосторство на Амнона било двојно потешко. Но Давид не го казнил престапникот, зашто во неговата постапка ја видел казната за својот грев. Поради тоа Авесалом, како природен заштитник на својата осрамотена сестра, полни две години злонамерно и валкано негувал одмаздничкки намери, но само затоа најпосле сигурно да ги оствари. При свеченоста што ја имале царевите синови, Авесалом наредил опиениот Амнон, скврнителот на семејството, без милост да се убие.

На Давида му била одмерена двојна казна. Соопштена му е страшна вест „дека Авесалом ги убил сите цареви синови, дека не останал ниту еден од нив. Тогаш царот стана, ја искина својата облека и легна на земјата, и сите негови слуги што стоеа околу него, ги искинаа своите облеки.“ А кога царевите синови вчудовидени се вратиле во Ерусалим, му раскажале на татка си што всушност се случило. Само Амнон бил убиен. „А царевите синови дојдоа и го кренаа својот глас и плачеа, а и царот и сите негови слуги плачеа многу.“ Но Авесалом побегнал кај гесурскиот цар Талмај, кој бил татко на мајка му.

Како и другите Давидови синови, Амнон бил препуштен на себични уживања. Без оглед на Божјите барања, тој задоволувал секоја желба на срцето. И покрај неговиот голем грев, Бог уште долго имал трпение со него. Полни две години имал можност да се покае. Но тој продолжил да греши и умрел непокајан, чекајќи ја одлуката на страшниот суд.

728 Давид ја занемарил својата должност да го казни злосторството на Амнона, и поради неговата неверност и непокајанието на синот, Господ дозволил настаните да течат по нивниот природен ток и не го задржал Авесалома. Кога владетелите или родителите ќе ја занемарат својата должност и не ја казнуваат неправдата, тогаш таа должност ја презема Господ во свои раце. Тој дозволува злото да се развие до извесен степен сè додека не се создаде синџир на околности во кои гревот се казнува со нов грев.

Лошите последици на Давидовата неправедна попустливост кон Амнона не биле окончани, зашто токму поради тоа и почнало отуѓувањето на Авесалома од татка си. По негвото бегство во Гесур, Давид, увидувајќи дека злосторството на неговиот син мора на некој начин да се казни, решил да не му дозволи да се врати во земјата. А тоа уште повеќе ги компликувало замрсените и тешки околности во кои западнал царот. Енергичниот, славољубив и бескруполозен Авесалом, откако бил протеран и со тоа исклучен од учествувањето во владеењето, набргу се оддал на опасни сплетки.

По две години, Јоав решил да преземе нешто за да го помири Давида со протераниот син. За да ја оствари таа цел,

тој се потрудил да придобие соработка од една лукава жена од Текуја. Таа била позната по својата мудрост. Таа жена, по упатство на Јоава, му се претставила на Давида како вдовица со два сина кои ѝ биле единствена утеха и потпора. Еден ден се скарале и во караниците едниот брат го убил другиот. Потоа сите блиски и далечни роднини барале убиецот да му се предаде на крвникот. „И така сакаат“, нагласила мајката, „да ја угаснат искрата што ми остана, да не остане името на мојот маж, ниту остаток на земјата.“ Оваа молба ги возбудила чувствата на царот и тој на жената ѝ ветил дека со својот царски авторитет ќе го земе во заштита нејзиниот преостанат син.

Кога добила ветување што му обезбедувало сигурност на нејзиниот син, таа преколнувала за царска милост, кажувајќи му дека тој зборува како човек кој нема право, зашто протераниот од својот дом не го повикува да се врати назад и го молела и кон него да има милост. „Ние ќе умреме“, кажала таа, „и ќе станеме како разлеана вода на земјата која не може да се собере, но Бог не сака да ја погуби душата и се грижи да не го отфрли од себе и отфрлениот.“ Таа лажна и трогателно срочена претстава за Божјата љубов кон грешникот - која потекнувала од грубиот војник Јоав - јасно сведочи за тоа колку Израелците биле запознати со големите вистини на спасението. Чувствувајќи и самиот колку на човекот навистина му е потребна Божјата милост, царот не можел

да ја одбие оваа молба. Затоа му наредил на Јоава: „Оди, доведи го назад детето Авесалом.“ 729

На Авесалома му било дозволено да се врати во Ерусалим, но не и да се појави на дворот или да се сретне со татка си. Давид постепено ги увидувал лошите последици на премногу благото постапување со своите синови, и колку нежно да го сакал тој убав и талентиран син, сепак мислел дека е потребно заради поука и на Авесалома и на народот на тој начин да ја покаже својата одвратност кон стореното злосторство. Авесалом две години живеел во својата куќа, но на дворот не смеел да се појавува. Со него живеела и неговата сестра чиешто присуство живо го потсетувала на страшната навреда и на ненадоместливата неправда што ѝ е нанесена. Меѓутоа, во очите на јавното мнение царевиот син повеќе важел како херој отколку како злосторник. И, користејќи го тоа предимство, тој решил да го задобие срцето на народот. Неговата лична појава била толку привлечна што веднаш задобивал наклоност од секого со кого би се сретнал. „Меѓу сите Израелци немаше таков убавец како Авесалома.“ Не било паметно од страна на царот човекот, каков што бил Авесалом - славољубив, брз и страстен - да го пушти две години да страда поради тоа што навидум бил казнет. Авесалом ги стекнал симпатиите на народот веќе со самото тоа што Давид го повикал да се врати во Ерусалим а не го пуштал кај себе.

Имајќи го постојано пред очи својот престап на Божјиот закон, Давид изгледал како морален инвалид. Бил слаб и нерешителен пред тешкотиите пред кои пред својот грев бил храбар и енергичен. Неговото влијание врз народот исто така ослабело. А сето тоа одело во прилог на неприродните стремежи на неговиот син.

Благодарение на посредувањето на Јоава, на Авесалома пак му било дозволено да се сретне со татка си; но, иако помирувањето е извршено на формален начин, сепак синот и натаму негувал славољубиви намери. Се однесувал речиси како цар и имал коли и коњи и педесет луѓе со кои бил опкружен. И додека царот сè повеќе бил наклонет да се повлече во самотија, Авесалом заводнички се борел да ја добие наклоноста на народот.

Рамнодушноста и нерешителноста на Давида вршеле свое влијание и врз неговите приврзаници. Небрежноста и одлагањето станале карактеристични во сите негови административни работи како и во делењето на правдата. А Авесалом секое незадоволство на народот лукаво го користел во своја полза. Од ден на ден тој човек можел да се види пред градските порти каде што секогаш имало луѓе кои чекале на ред да бидат примени кај царот, да поднесат свои молби и жалби и да добијат сатисфакција. Авесалом

730 обично се мешал меѓу нив, ги слушал нивните тажанки и покажувал сожалување кон нивните патила и жалел што постојната власт не е во состојба да го задоволи народот. Еднаш, ислушувајќи така еден Израелец, царевиот син рекол: „Ете, твоето дело е добро и праведно, но при царот нема кој да те ислуша; и Авесалом уште велеше: 'О да беа ме поставиле мене за судија во оваа земја! При мене би доаѓал секој што има расправија и поплака, и јас би му дал правдина.' И кога некој ќе се доближеше да му се поклони, тој ја подаваше раката, го прегрнуваше и го бакнуваше."

Под влијание на лукавото дошепнување на царевиот син, незадоволството кон постојната власт бргу се ширело. На сите усни биле пофалби за Авесалома. Сите го сметале за царев наследник. Народот се гордеел со човекот кој е достоен за толку високата положба и горел од желба тој да го заземе престолот. „Така постапуваше Авесалом со секој Израелец... и ги задобиваше срцата на Израелците." А царот, заслепен со љубовта кон сина си, сепак во ништо не се сомневал. Кнежевското однесување со кое Авесалом се растурал, Давид го сметал како намера да му се оддаде почест на неговиот двор - како израз на радоста по повод на помирувањето.

А кога народот бил во доволна мера приготвен за она што требало да настапи, Авесалом потајно пратил одбрани луѓе во сите племиња да организираат бунт. А самиот тој се наметнал со плашт на побожност за да ги скрие своите предавнички намери. Заветот што го сторил уште додека бил во изгнанство, наводно морал да биде извршен во Хеврон. Затоа му рекол на царот: „Да одам во Хеврон за да го исполнам мојот завет што му го дадов на Господа. Зашто, кога престојував во Гесур во Сирија, твојот слуга даде завет, велејќи: 'Ако ме врати Господ назад во Ерусалим, ќе му послужам на Господа.'" Нежниот татко, утешен со ваквиот доказ за побожноста на својот син, се израдувал и го отпуштил со благослов. Со ова ковењето на заговор било комплетирано. Со оваа постапка на крајна дволичност, Авесалом имал намера не само да го заслепи царот, туку и да ја зацврсти веќе задобиената доверба кај народот и со тоа да го наведе на бунт против од Бога одбраниот владетел.

Авесалом се упатил во Хеврон, а со него пошле и „двесте луѓе од Ерусалим повикани, но тие отидоа во простота на своето срце, не знаејќи ништо". Тие луѓе пошле со Авесалома, не мислејќи дека нивната љубов кон синот ќе ги наведе на бунт против татко му. Штом пристигнале во Хеврон, Авесалом веднаш го повикал
731 Ахитофела, еден од највисоките Давидови советници, човек кој бил прочуен по својата мудрост. Неговото мислење важело за најсигурно, за Божји глас. Ахитофел им се придружил на побу-

нетите и неговата поддршка сторила движењето на Авесалома да изгледа наполно успешно, со што привлекол многу влијателни луѓе од целата земја. Кога одекнала трубата на бунтот, весниците на Авесалома низ цела земја објавиле вест дека Авесалом станал цар, па мнозина од народот се собрале околу него.

Во меѓувреме, таа вест стигнала и во Ерусалим. Давид бил неочекувано изненаден гледајќи дека бунтот избувнал во најнепосредна близина на неговиот престол. Неговиот роден син - синот кој тој толку многу го сакал и на кого толку му верувал - посакал да се добере до круната, а без сомнение и до неговата глава. Во таа голема опасност, Давид најпосле ја отфрлил потиштеноста која толку долго го мачела и со истиот дух, што го покажувал во своите поранешни години, почнал да се приготвува за средба со оваа страшна неизвесност. Само неколку километри пред Ерусалим, Авесалом ја приготвувал својата војска. Побунетите мошне бргу можеле да се најдат пред капиите на Ерусалим.

Давид од својата палата ја гледал престолнината: „Убава е во својата височина, радост е за сета земја... градот на великиот Цар.“ (Псалм 48,2). Затреперил при помислата дека тој град ќе го изложи на крвопролевање и пустење. Дали треба да ги повика на помош привизаниците што уште му останале верни на неговиот престол и да го брани градот? Зар да дозволи Ерусалим да биде облеан со крв? Тој решил. Избраниот град не смеат да го снајдат воени стравотии. Решил да го напушти градот, а верноста на своите привврзаници да ја провери на тој начин што ќе им даде можност да му дојдат на помош. Во тој критичен миг, должноста кон Бога и народот му налагала да го брани авторитетот што му го дало Небото. Исходот на борбата решил да му го препушти на Бога.

Во понизност и со болка Давид се повлекол низ портите на Ерусалим - отстранет од престолот, протеран од својот двор и одвоен од ковчегот на заветот со бунт што го предводел неговиот сакан син. Народот го следел него како во посмртна поворка. Телесната гарда на Давида, составена од Херетеи и Фелетеи и шестотини Гетеи, го придружувала царот одејќи пеш по наредба на Итаја. Но Давид со својата карактеристична несебичност не можел да се согласи тие странци, кои од него побарале заштита, да бидат вовлечени во неговата несреќа. Го зачудила нивната подготвеност на ваква жртва заради него. „И царот му рече на Гетеецот: Зошто си
тргнал и ти со нас? Врати се и остани со оној цар, бидејќи си туѓ и 732
си избегал од својата земја. Ти си дошол вчера, а денес ли ќе те терам да одиш со нас? Јас одам каде што можам. Врати се и врати ги со себе и твоите браќа. Господ нека ти укаже милост и правда.“

А Итај одговорил: „Господ ми е сведок! Каде и да биде мојот господар, царот, жив или мртов, таму ќе биде и твојот слуга.“ Тие луѓе биле обратени незнабошци и му служеле на Јехова, а сега благородно му ја покажале својата преданост нему и на неговиот помазаник. Давид со благодарност ја прифатил нивната преданост во мигот кога неговата опстановка се чинела загубена, па сите заедно го преминале потокот Кедрон на пат кон пустината.

Поворката повторно морала да застане. Сретнале група луѓе кои биле облечени во света одежда. „Тука беше свештеникот Садок и со него сите Левити кои го носеа Божјиот ковчег. И тие го спуштија Божјиот ковчег.“

Давидовите придружници оваа средба ја сметале за среќен знак. Присуството на светиот симбол за нив било залог за нивно ослободување и за конечна победа. Тоа на луѓето би им влевало храброст да се соберат околу царот. Приврзаниците на Авесалома би морале да се уплашат поради тоа што ковчегот не е во Ерусалим.

Кога го видел ковчегот, на Давида за миг му заиграло срцето од радост и надеж. Но набргу му се појавиле други мисли. Како помазан владетел над Божјето наследство, тој бил под свечена одговорност. Првата помисла на израелскиот цар не смеела да биде никаков личен интерес, туку слава на Бога и благосостојба на неговиот народ. Оној што седи на својот престол меѓу херувими, рекол за Ерусалим: „Ова е мое почивалиште“ (Псалм 132,14), и без Божје одобрение ниту првосвештеникот ниту царот немаат право да го оддалечат оттаму симболот на неговото присуство. Давид знаел дека неговото срце и неговиот живот мора да бидат сообразени со Божјите прописи, инаку ковчегот на заветот побргу ќе му донесе несреќа отколку успех. Постојано на ум го имал својот голем грев и во заговорот скован против него ја видел Божјата праведна пресуда. Мечот за кој пророкот кажал дека нема да се тргне од неговиот дом бил извлечен од кориците. Давид не знаел каков ќе биде исходот од претстојниот судир. Тој не можел да се согласи со тоа светите прописи на Божјиот закон да се изнесат од народната престолнина, зашто во нив била олицетворена Божјата волја, уставот на царството и основата на напредокот и на благосостојбата на нацијата.

735 Затоа му наредил на Садока: „Врати го Божјиот ковчег во градот и нека стои на своето место. Ако најдам милост пред Господа, Тој ќе ме врати и ќе ми даде да го видам него и неговото живеалиште. А ако каже: ’Не си ми мил’, тогаш нека прави со мене како му е волја.“

Потоа додал: „Царот му рече на свештеникот Садок: ’Ти и Авијатар вратете се на мир во градот, и вашите два сина со вас, твојот син Ахимас и синот на Авијатара, Јонатан. Еве, јас ќе се

задржам по рамнините во пустината додека не добијам од вас вест.'" Во градот свештениците можеле да му направат полезни услуги, да го следат движењето и да ги откриваат намерите на бунтовниците и тајно да му доставуваат информации преку своите синови Ахимас и Јонатан.

Кога свештениците се вратиле во Ерусалим, врз бегалците паднала уште потемна сенка. Царот им бил бегалец, а тие сами изгнаници, одвоени дури и од ковчегот на заветот - иднината им била затемнета со страв и со црни претчувства. „А Давид тргна кон Маслинската Гори плачејќи; главата му беше покриена и тој одеше бос; и сите луѓе што беа со него, ја покрија својата глава и одеа и плачеа. Тогаш му јавија на Давида и му рекоа: 'И Ахитофел е меѓу оние што се побунија со Авесалома.'" И овојпат Давид во несреќата што го снашла морал да ги види последиците на својот грев. Најлукавиот и најревносниот од сите политички водачи, Ахитофел, се одделил од него од одмазда поради срамот и неправдата нанесени на неговото семејство преку Витсавеја која била негова внука.

„А Давид рече: 'Господе, скрши ја намерата на Ахитофела!'" Пристигнувајќи на врвот на горвата, царот се поклонил и понизно се молел на Бога за милост, положувајќи го товарот на својата душа пред Господа. Се чинело како на неговата молитва веднаш да дошол одговор. Хусај Архијанецот, мудар и ревносен советник, кој на Давида му го докажал своето верно пријателство, дошол со искината облека и со прав на главата за да ја дели судбината со отфрлениот цар бегалец. Давид видел, како Бог да му покажал, дека овој верен и искрен човек е вистинско лице што ќе ги брани неговите интереси при советите во престолнината. На барање на Давида Хусај се вратил во Ерусалим, со цел на Авесалома да му понуди свои услуги и да го осуети советот на лукавиот Ахитофел.

Со тој зрачок на надеж во густата темнина на настаните, царот 736
и неговите придружници се спуштиле низ источната долина на Маслинската Гора и низ карпеста и неплодна пустина, низ клисури, каменливи и стрмни патишта, се упатиле кон реката Јордан. „Кога царот Давид стигна до Ваурим, ете, оттаму излезе еден човек од родот на Сауловиот дом, по име Симеј, син на Гирина. Тој одеше и лошо зборуваше и фрлаше камење врз Давида и врз сите слуги на царот Давид; а сите луѓе и сите јунаци беа десно и лево од царот. Зборувајќи лошо за него, Симеј велеше: 'Иставај се, убиецу и беззаконику! Господ ја сврте против тебе сета крв на Сауловиот дом, на чие место ти се зацари, и Господ го предаде царството во рацете на твојот син Авесалом; и ете, ти си во неволја, затоа што си крвопиец.'"

Додека на Давида му било добро, тој човек ниту со збор ниту со дело не покажал никаква нелојалност кон неговиот престол. Но кога царот се нашол во неволја, овој припадник на племето на Венијамина го покажал својот вистински карактер. Додека Давид бил на престолот, тој го почитувал и го возвишувал, но сега во неговото понижување го опсипувал со клетви. Дрско и себично ги посматрал сите што не го делеле неговото мислење и, поттикнат од страна на сатаната, својот бес го излеал врз оној што го казнувал Бог. Духот што го наведува човекот да триумфира над оној кој е во неволја, да го исмева или да го навредува - е сатански дух.

Обвинувањата на Симеја против Давида биле наполно лажни - само една дрска и злонамерна клевета. Давид не му направил никаква неправда ниту на Саула ниту на Сауловиот дом. Кога Саул бил целосно во негова власт и кога можел да го убие, тој само му го пресекол работ од неговата наметка, па подоцна дури и поради тоа се прекорувал себеси како со тоа на некој начин да покажал непочитување кон Господовиот помазаник.

Дека Давид човековиот живот го сметал за светиња, најдобро можело да се види тогаш кога бил прогонуван како див ѕвер. Еден ден, седејќи скриен во Одоламската пештера, си помислил на своите детски денови кога неговата слобода никој не ја ограничувал, па извикнал: „Кој би ми донел вода да пијам од витлеемскиот извор што е пред вратата“ (2. Самоилова 23,13-17). Во тоа време Филистејците го држеле Витлеем, но тројца негови јунаци се пробиле низ филистејскиот логор и му донеле витлеемска вода. Меѓутоа, Давид не можел да ја пие. „Да не даде Господ да го сторам тоа! Не е ли
737 тоа крвта на луѓето што одеа изложувајќи го на опасност својот живот?“ Потоа свечено ја истурил водата, како да му ја принесува на жртва на Бога. Давид бил воин и добар дел од својот живот поминал во настани полни со насилнички постапки. Но, од сите што поминале низ толку огнени искушенија, навистина малку се оние кои успеале до таа мера, како Давид, да се сочуваат од тие влијанија кои човечкото срце го прават нечувствително и кои го изопачуваат човечкиот морал.

Давидовиот внук, Ависај, еден од најревносните негови војводи, не можел да ги слуша навредливите зборови на Симеја. „Зошто ова мртво куче да го пцуе мојот господар, царот?“ рекол налутено. „Одам да му ја симнам главата.“ Но царот не му дозволил: „Кога син ми, што го родив јас, ја бара мојата душа, тогаш што остана за еден Венијаминов син? Оставете го, нека зборува лошо, зашто Господ му заповедал... Можеби Господ ќе го погледне милосливо моето понижување и ќе ми врати Господ добро за неговите денешни навреди.“

На Давида неговата совест му откривала горчливи и тешки вистини. Додека неговите приврзаници се чуделе за ненадејниот пресврт на неговата судбина, тоа за него не била тајна. Тој често претчувствувал дека ќе настапи таков ден каков што бил тој. Тој само се чудел што Бог толку долго имал трпение да ги поднесува неговите гревови и да ја одложува заслужената казна. И, додека со тешка болка бегал бос, наместо со царска облека, покриен со црна наметка, додека од околните ридови се одгласувале тажанките на неговите придружници, тој мислел на својот сакан град - на местото кое било сцена на неговиот грев - и, имајќи на ум колку Бог е добар и стрплив, сепак не ја губел надежта. Чувствувал дека Господ сè уште милосливо ќе постапува со него.

Многу престапници се обидувале својот грев да го оправдаат споредувајќи го со Давидовиот случај; но колку малку се оние кои се готови така искрено да се каат и да се понизат како што го сторил тоа Давид. Колку малку има такви кои прекорот и одмаздата би ги сноселе толку стрпливо како него. Тој го признал својот грев и со години се трудел својата должност да ја врши како верен Божји слуга. Се трудел своето царство да го издигне и тоа за време на неговото владеење било силно и благословено како никогаш до тогаш. Тој собрал големо богатство за градење на Божјиот дом, и зар сето тоа сега требало да се уништи? Зар сите плодови на долгогодишниот труд, на генијалното залагање и на успехот на вештиот државник треба да се предаде во рацете на лекомисле-
ниот син предавник, кој не мисли ниту за Божјата слава ниту за 738
благосостојбата на Израел? Колку природно било Давид во тие тешки денови да мрмори против Бога!

Но причините за своите неволји тој ги видел во својот сопствен грев. Зборовите на пророк Малахија дишат со духот со кој било вдахнато Давидовото срце: „Иако сум паднат, јас ќе станам; макар што сум сега во мрак, Господ е моја светлина. Ќе го поднесувам гневот Господен, зашто сум згрешил против него, додека не го реши моето дело и не изрече правда; тогаш Тој ќе ме изведе на светлина, и јас ќе ја гледам правдата негова“ (Михеј 7,8.9). И Господ не го напуштил Давида. Тоа поглавје од неговото искуство кога, под најсурова неправда и под најдрска клевета се покажал кроток, несебичен, великодушен и понизен, претставува едно од најблагородните и најубави поглавја на неговиот живот. Господарот на Израелците не бил навистина поголем пред Небото отколку во своето најдлабоко надворешно понижување.

Кога Бог би му дозволил на Давида неказнето да продолжи во гревот и, останувајќи во престап на Божјиот закон и понатаму во мир и среќа да седи на престолот, тогаш неверниците, и сите што

се сомневаат, би имале изговор за своето тврдење дека Давидовиот живот претставува подбив за библиската вера. Но Бог, дозволувајќи Давид да ги искуси последиците на својот грев, покажал дека Тој не може да поднесува и да го оправдува гревот. Освен тоа, Давидовата историја ни дава можност да ги видиме и големите цели што ги има Бог на ум кога го кара грешникот. Дури и во најтешките казни можеме да видиме како се остваруваат длабоките намери на неговата милост и добронамерност. Тој Давида го ставил под прачка, но не го уништил; го пуштил во печка за претопување, но не да изгори, туку да се очисти. Господ кажува: „Ако ги прекршат моите уредби и не ги пазат моите заповеди, со тојага ќе ги казнам нивните недела, со камшик ќе ги бијам за нивните престапи! Но, мојата љубов нема да му ја одземам - својата верност нема да ја изневерам! Својот завет нема да го погазам, тоа што го ветив - нема да го порекнам! (Псалм 89, 31-34).

Набргу по Давидовото заминување од Ерусалим, пристигнал Авесалом со својата војска, и без ниту еден потег со меч ја зазел тврдината на Израел. Хусај бил меѓу првите што го поздравиле новокрунисаниот владетел, а Авесалом бил пријатно изненаден што го придобил и тој стар пријател и советник на својот татко. Авесалом бил сигурен во својот успех. Неговите планови во голема мера успеале и тој радо го примил Хусаја на својот двор, мислејќи дека со тоа ќе го зацврсти својот престол и ќе стекне доверба кај народот.

Авесалом имал околу себе голема војска, но тие во поголем број случаи биле непроверени во војна. Уште не учествувале во
739 ниедна војна. Ахитофел добро знаел дека Давидовата ситуација сè уште не е безнадежна. Голем дел од народот сè уште му бил лојален. Него го опкружувале проверени борци, луѓе кои му биле верни на својот цар, а војската му ја воделе способни и искусни војводи. Ахитофел увидувал дека по првото одушевување за новиот цар, ќе настапат реакции. Во случај бунтот да не успее, Авесалом би можел да се помири со својот татко, а тогаш како главен кривец за бунтот би бил Ахитофел, зашто му бил прв советник. За сето тоа тешката казна би морала да падне врз него. За да го оневозможи Авесалома да се врати од патот по кој тргнал, Ахитофел го наговорил и му предложил постапка која во очите на целиот народ неговото помирување со татка си го сторил неможно. Со ѓаволско лукавство, тој подмолен и нечесен државник го навел Авесалома кон бунтот да го додаде и злосторството родоскврнавење. Пред очите на сиот Израел требало да ги земе наложниците на својот татко со цел, според обичајот на ориенталните народи, на тој начин да се прогласи за непосреден наследник на престолот на татка

си. И Авесалом го прифатил тој гнасен совет. Така се исполнил Божјиот збор што му бил упатен на Давида преку пророкот: „Ете, Јас ќе подигнам зло против твојот дом, ќе ги земам твоите жени пред твои очи и ќе му ги дадам на твојот ближен... Ти го изврши тоа тајно, Јас пак ќе го извршам јавно, пред очите на цел Израел“ (2. Самоилова 12,11.12). Бог не го поттикнал ова неморално дело на Авесалома, но поради Давидовиот грев не ја употребил својата моќ да го спречи.

Ахитофел бил високо почитуван поради својата мудрост, но бил лишен од онаа просветеност што доаѓа од Бога. „Страхопочитта кон Господа е прв чекор кон мудроста“ (Мудри изреки 9,10); а тоа Ахитофел го немал бидејќи, кога и во најмала мера би се плашел од Бога, не би се осмелил успехот на предавството да го темели на злосторството родоскврнавење. Луѓето со расипано срце создаваат злосторнички заговори, мислејќи дека семожната сила на провидението не е во состојба да ги осуети сите нивни планови; но „Оној кој живее на небесата им се смее, Господ им се потсмева“ (Псалм 2,4). Господ кажува: „Мојот совет не го послушавте, моите опомени ги презревте, затоа ќе си ги берете плодовите на своите постапки, ќе се давите во своите совети, зашто, самоувереноста ќе ги убие глупавите, немарноста ќе ги упропасти неразумните“ (Мудри изреки 1,30-32).

Успевајќи во заговорничката влада да си обезбеди свои позиции,
Ахитофел на Авесалома му предочил дека Давид треба да се гони 740
веднаш, без никакво одлагање. „Ќе одберам дванаесет илјади луѓе“, рекол тој, „и ќе станам, ќе отидам да го гонам оваа ноќ Давида; ќе го нападнам, кога ќе биде изморен и со отпуштени раце, и ќе му влеам страв; и сите луѓе што се со него ќе се разбегаат, и јас ќе го убијам само царот, а сите луѓе ќе ги свртам кон тебе.“ Тој план го поддржале и другите цареви советници. И кога би се спровел тој план, Давида од сигурна смрт би можело да го спаси само директно Божје посредување. Но настаните ги водела поголема Мудрост отколку што е мудроста на Ахитофела. „Така Господ пресуди да се осуети подобриот Ахитофелов совет за да навлече Господ зло врз Авесалома.“

Хусај не бил повикан на советувањето, а самиот неповикан не сакал да се наметнува за да не го осомничат како шпион; но кога другите се разотишле, Авесалом, имајќи високо мислење за него како советник на својот татко, го изложил пред него планот на Ахитофела. Хусај веднаш видел дека Давид, доколку предложениот план се оствари, би можел да биде загубен. Затоа рекол: „Овојпат не е добар советот што го дал Ахитофел. Ти го познаваш татка си и неговите луѓе; тие се храбри и многу се раздразнети, како мечка

в поле, чии малечки се грабнати, и како свиреп крмак во полето, и татко ти е човек воинствен; тој нема да запре да ноќева со народот. Ете, тој сега се крие во некоја пештера или на друго место.“ Се трудел да докаже дека, ако војската на Авесалома сега го прогонува Давида, не би можела да го фати царот, а ако би претрпела пораз, тогаш неговите луѓе би ја загубиле храброста и со тоа на Авесалома би му била нанесена голема штета, „зашто“, истакнал Хусај, „цел Израел знае дека татко ти е јунак и дека борците што се со него се храбри.“ Затоа предложил друг план кој ѝ се допаднал на славољубивата и горделива природа на Авесалома, горејќи од желба да ја покаже својата сила. „Затоа, јас советувам, нека се собере при тебе сиот Израел, од Дан до Вирсавеја, во множество како песок крај морето, и ти самиот ќе тргнеш среде него; и тогаш ќе одиме против него, каде и да се наоѓа, и ќе го нападнеме како росата што паѓа на земјата; и нема да му остане ни еден човек од сите што се со него; ако пак влезе во некој град, тогаш сиот Израел ќе донесе при тој град јажиња, и ние ќе го завлечеме во реката, така што камче нема да остане од него.“

741 „Тогаш Авесалом им рече на сите Израелци: ’Подобар е советот на Хусај Архијанецот отколку советот на Ахитофела.’“ Но меѓу нив се нашол Еден кој не дозволил да биде измамен, Еден кој јасно ги предвидувал последиците на таа кобна грешка на Авесалома што ќе ја плати со главата. На Ахитофела му било јасно дека делото на бунтовниците пропаднало. А го знаел и тоа дека каква и да биде судбината на царевиот син, нема и не може да има никаква надеж за неговиот советодавец, за оној кој го наговорил на неговите најголеми злосторства. Ахитофел Авесалома го поттикнал и го охрабрил да дигне бунт; го советувал да изврши најгнасно беззаконие: да го осрамоти својот татко; тој советувал Давид да се убие и предложил план како тоа да се изведе; тој ја отфрлил и последната можност и сам да се помири со царот, а сега дури и Авесалом, заобиколувајќи го него, му се обраќа на друг. Љубоморен, лут и разочаран, „се дигна и отиде дома во својот град и, откако среди сè за својата куќа, се обеси и умре“. Таков бил исходот на мудроста на овој човек кој, покрај сета своја висока надареност, не му се обраќал на Бога за совет. Сатаната ги мами и ги омајува луѓето со најласкави ветувања, но секоја душа на крај ќе увиди „дека плата за гревот е смрт“ (Римјаните 6,23).

Бидејќи не знаел дали колебливиот цар ќе го послуша неговиот совет, Хусај не губел време туку веднаш му јавил на Давида да се повлече преку Јордан, а на свештениците, чиишто синови требало да му однесат извештај на Давида, Хусај им пратил порака: „Така и така Ахитофел го советува Авесалома и старешините Израелови;

јас пак, посоветував вака и вака. И сега пратете поскоро и кажете му на Давида да не останува оваа ноќ на рамнината во пустината, и што поскоро да помине од онаа страна, да не загине царот и сите луѓе што се со него.“

Младите синови на свештениците, иако осомничени и гонети, успеале да ја извршат својата опасна задача. По завршувањето на првиот ден од своето изгнанство, папсан од умор и тага, Давид ја примил пораката дека уште истата ноќ мора да го премине Јордан, зашто синот навистина ја бара неговата глава.

Какви биле чувствата на таткото и царот со кого во таа страшна опасност се постапувало толку свирепо? „Човекот кој беше поставен високо“, воин и цар, човекот чијшто збор бил закон - протеран од својот роден син кој толку го сакал и во кого неразумно имал толкава доверба; малтретиран и напуштен од приврзаниците кои биле со него цврсто поврзани со најсилни врски на чест, почит и преданост - со какви зборови тогаш можел да ги изрази чувствата на својата душа? Во мигот на својата најголема потиштеност, кога темнината на искушенијата била најгуста, Давид се надевал во Бога и пеел: 742

*„Ах, Господе!*
*Колку се намножија моите непријатели!*
*Колкаво мноштво против мене се крена!*
*Мнозина велат за мене:*
*'Бог нема да го избави!'*
*Но, Ти си штит околу мене, Господе!*
*Слава ми подаруваш и главата ми ја креваш.*
*Кон Господа викам и Тој ми одговара*
*Од својата света гора.*
*Си легнувам и заспивам;*
*И пак се будам, зашто Господ ме одржува.*
*Не ме плаши многуилјадното мноштво,*
*Кое од сите страни врз мене навалило!*
*Избавувањето е од Господа:*
*Твојот благослов нека биде над твојот народ.“*

Псалм 3,1-8

Давид, и сите што биле со него - борците и државниците, стари и млади, жени и деца - под заштита на ноќната темнина преминале преку длабоката и брза река „и пред зори не остана ниту еден да не премина преку Јордан.“

Давид со својата војска се сместил во Маханаим, во градот кој во свое време бил царско седиште на Исвостеја. Тој бил добро утврден град во планински предел и мошне погодно прибежиште во случај на војна. Земјата била богато снабдена со животни потреби, а луѓето биле пријателски наклонети кон Давидовото дело. Тука му се придружиле многу истомисленици, а старешините на тоа племе донеле големи подароци во животни намирници и други потребни работи.

Советот на Хусај ја постигнал целта и на Давида му пошло од рака да побегне. Но брзиот и незауздан царев син не можел долго да мирува и набргу се подигнал да го гони својот татко. „Авесалом пак премина преку Јордан и сиот Израел што беше со него.“ За врховен командант на својата војска, Авесалом го поставил Амаса, синот на Давидовата сестра Авигеја. Имал навистина голема војска, но луѓето биле неуки и неподготвени да се носат со искусните борци на Давидовата војска.

Давид своите сили ги поделил на три дела - на тројца свои војсководители: Јоав, Ависај и Итај Гетеецот. Имал намера сам да ја поведе војската во битката, но при тоа енергично му се противставиле како војводите, така и советниците и народот. „Не оди ти,“ му рекле тие, „зашто ние и да избегаме, тоа нема да се забележи;
743 и половината од нас да загинат, тоа исто така нема да се забележи; а ти сам чиниш колку десет илјади од нас; затоа подобро е за нас да ни помагаш од градот. Царот им рече: ’Како што мислите дека е најдобро, така ќе постапам’“ (2. Самоилова 18,3.4).

Од градските ѕидови можеле добро да се видат долгите колони на побунетата војска. Грабачот на престолот имал многубројна војска според која Давидовите борци изгледале како грст луѓе. Посматрајќи ја непријателската војска, прва мисла на царот не била ниту круната, ниту царството, ниту сопствениот живот кој зависел од исходот на битката. Срцето на таткото било полно со љубов и сожалување кон синот кој дигнал бунт. Кога војската излегувала, Давид стоел пред градската врата храбрејќи ги своите борци да одат во борба уверени дека Израеловиот Бог ќе им даде победа. Но дури ни тогаш не можел да ја скрие својата љубов кон Авесалома. Кога Јоав, кој командувал со првиот дел на војската, поминувал пред царот, силниот победник во стотици битки ја наведнал својата горда глава да ја слушне последната порака на владетелот. Царот со треперлив глас рекол: „Чувајте ми го детето Авесалом!“ Истата заповед ја добиле и Ависај и Итај: „Чувајте ми го детето Авесалом!“ Давидовата молба, која навидум кажувала дека Авесалом му бил помил отколку царството, помил дури и од приврзаниците кои му останале верни на неговиот престол,

уште повеќе ја зголемила одбивноста на војниците кон неговиот неморален син.

Судирот се одиграл во една шума недалеку од Јордан. Се покажало дека многубројната војска на Авесалома токму поради бројноста била некорисна. Збунети во мочуриштата и во шумските шибјаци, тие неизвежбани трупи биле наполно неподобни за организирано водење на борба. И така „тука слугите Давидови го поразија народот Израелов и во тој ден загина големо мноштво - дваесет илјади." Авесалом, кога видел дека битката е загубена, се свртил да бега, при што се закачил со главата во едно густо разгрането дрво и останал беспомошно да виси како плен на своите непријатели, додека маската што ја јавал отрчала под него. Во таа положба го нашол еден војник кој не го гибал, плашејќи се да не се замери со царот, но го известил Јоава за она што го видел. Јоав не му мислел многу. Тој со Авесалома порано бил во пријателство и двапати го мирел со Давида, но Авесалом срамно ја предал довербата што му била укажана. Кога Авесалом не би се добрал до извесни предимства што ги стекнал благодарение на посредувањето на Јоава, до бунт воопшто и не би можело да дојде. Сега
бил во власт на Јоава со еден потег да го уништи поттикнувачот 744
на сите овие зла. И така Јоав „зеде во раце три стрели и ги забоде во срцето на Авесалома, кој уште беше жив на дабот... Го зедоа Авесалома, го фрлија во шумата, во длабока јама, и натрупаа врз него голема грамада камења."

Така завршиле поттикнувачите на бунт во Израел. Ахитофел самиот себеси си го одзел животот. Царскиот љубимец, Авесалом, кој со својата ретка убавина бил гордост за цел Израел, бил убиен во цутот на својата младост. Телото му го фрлиле во јама, и во знак на вечен срам, го запретале со куп камења. За време на својот живот Авесалом себеси си подигнал драгоцен споменик во царската долина, но единствен споменик што го одбележува неговиот гроб претставува оној куп камења во пустината.

Откако водачот на бунтот бил убиен, Јоав со трубен знак ја повикал својата војска да престане да ги гони разбиените бегалци и веднаш кај царот пратил гласник со извештај.

Стражарот на градските ѕидови видел како од бојното поле трча човек. Набргу по него можел да се види уште еден. Кога првиот наближил, стражарот му рекол на царот, кој будно чекал седејќи пред портата: „Го гледам одењето на првиот; тоа прилега на одењето на Ахимаса, Садоковиот син. А царот рече: 'Тој е добар човек и доаѓа со добра вест.' Ахимас извикна и му рече на царот: Мир! И му се поклони на царот со лицето до земја и рече: 'Благословен Господ, Бог твој, кој ги предаде луѓето што беа

кренале рака против мојот господар, царот.'" Царот нестрпливо поставил прашање: „Дали е здраво детето Авесалом?" Но Ахимас го избегнал одговорот.

И вториот гласник дотрчал, викајќи: „Добра вест за мојот господар, царот! Господ денеска ти ја даде правдината, спасувајќи те од раката на сите што беа станале против тебе." А таткото пак плашливо прашал: „Дали е здраво детето Авесалом?" Не можејќи да ја скрие тешката вест, гласникот рекол: „Да даде Бог со непријателите на мојот господар, царот, и со сите зломисленици против тебе да се случи истото што го снајде момчето." Тоа било доволно. Давид не поставувал веќе никакви прашања, туку се „сневесели" и отиде „во горната соба над вратата и почна да плаче и, одејќи, да зборува: 'Сине мој, Авесаломе, сине мој, сине мој, Авесаломе! Камо јас да умрев место тебе! Авесаломе, сине мој, сине мој!'"

745 Победоносната војска, враќајќи се од бојното поле, се приближувала кон градот. Нивните победнички песни се одгласувале од околните ридови. Но, кога поминувале низ градската капија, замолкнал секој глас, знамињата се спуштиле и тие поминале со наведена глава, побргу како победена војска отколку како победници, зашто царот не ги пречекал со добредојде, туку до нив од одајата над капијата допирале царевите жалопои: „Сине мој, Авесаломе, сине мој, сине мој, Авесаломе! Камо јас да умрев место тебе? Авесаломе, сине мој, сине мој!"

„И така победата во оној ден се претвори во жалост за сета војска, зашто војската слушна тој ден дека царот тагува за својот син. И тој ден војската крадешкум се врати во градот, како крадешкум што се притајува војска која се осрамотила бегајќи од бој."

Јоав бил страшно разочаран. Бог им дал причина да се радуваат и триумфираат. Бил задушен најголемиот бунт кој кога било избувнал во Израел, па сепак таа голема победа се претворила во јадосување за оној чиешто злосторство предизвикало крвопролевање на илјадници луѓе. Грубиот и суров војсководител се протуркал до царот и решително му рекол: „Ти денеска ги посрами сите свои слуги кои го спасија твојот живот и животот на твоите синови и ќерки... Ти ги сакаш оние што те мразат, а ги мразиш оние што те сакаат, бидејќи денеска покажа оти за тебе се ништо водачите и слугите; денеска разбрав дека тебе ќе ти беше попријатно ако Авесалом останеше жив, а ние сите да бевме загинале. Затоа, стани, излези и проговори им љубезно на своите слуги; зашто се колнам пред Господа дека, ако не излезеш, оваа ноќ ниеден човек нема да остане со тебе; тоа ќе биде за тебе полошо од сите беди што те снашле од младоста до денеска."

Иако тој прекор бил тежок, дури и суров за скршениот татко, Давид сепак тоа не го зел за зло. Увидувајќи дека неговиот војвода има право, излегол пред капијата и со зборови на охрабрување и пофалба ги поздравувал своите храбри борци додека поминувале крај него.

73

# ПОСЛЕДНИТЕ ГОДИНИ НА ДАВИДА

*Оваа глава е заснована на 2. Самоилова 24 гл.; 1. Царевите 1 гл. и 1. Дневникот 21.28. 29 глава*

По паѓањето на Авесалома, во царството не настанал веднаш мир. Во бунтот зел учество толку голем дел од народот, што Давид не сакал да се врати во престолнината и повторно да ја преземе власта во свои раце додека не го повикаат племињата. Во метежот што настанал по падот на Авесалома, народот не бил согласен со тоа царот да се врати, и кога најпосле племето на Јуда решило да го доведе царот, кај другите племиња тоа предизвикало љубомора, па настанала контрареволуција. Но таа бргу е задушена и во Израел повторно бил воспоставен мир.

Историјата на Давида претставува еден од најубедливите докази кој кога било е даден за тоа дека за душата најголема опасност претставува токму она за што луѓето најпохотно жеднеат - власта, богатството и световната слава. Малку луѓе поминале низ искуство подобро прилагодено да ги приготви за ваков испит. Давидовиот пастирски живот во младоста, кој го научил на кротост, на трпение и воздржување во тешките напори и во нежната грижа за своето стадо; поврзаноста со природата во самотијата на шумите и ритчињата која придонела да се развие неговата надареност во музиката и поезијата и која неговите мисли ги упатувала кон Творецот; долгата школа на неговиот живот во пустината која постојано ја засилувала неговата храброст, трпение и моќ - сето тоа Господ го одредил во своето провидение за да го приготви за престолот на Израел. Давид од лично искуство ја сфатил длабината на Божјата љубов и обилно бил надарен со неговиот Дух. Во трагичната историја на Саула видел колку е безвредна и ништожна човечката мудрост. А сепак, земните успеси и земната слава толку го ослабеле Давидовиот карактер, што искушувачот повеќепати го совладал.

Општејќи со незнабожечките народи, Израелците почнале да ги усвојуваат нивните национални обичаи, што разгорувало

славољубиви стремежи кон световна големина. Тие уживале чест 747
да бидат Господен народ. Но, бидејќи настапил пораст на националната горделивост и самоувереност, тие не биле веќе задоволни само со тоа предимство. Повеќе се стремеле кон престиж меѓу другите народи. Таквите сфаќања ги изложувале на искушенија. За да ги прошири освојувањата на другите народи, Давид решил да ја зголеми својата војска, повикувајќи ги во воена служба сите возрасни мажи. За таа цел било потребно да се изврши попис на населението. На ваква постапка царот го поттикнале горделивоста и славољубието. Пребројувањето на народот требало да ја покаже видната разлика меѓу слабоста на царството во времето кога Давид го презел престолот, и силата и благосостојбата стекнати под негова управа. Тоа уште повеќе би ја поттикнало и онака големата самоувереност и на царот и на народот. „Но се крена сатаната против Израел“, кажува светиот запис, „и го наврати Давида да го изброи Израел.“ За својата благосостојба Израелците требало повеќе да му заблагодарат на Божјиот благослов отколку на царевата вештина и способност, или пак на силата на неговата војска. Но, со зголемувањето на воената сила на царството, околните народи неизбежно морале да стекнат впечаток дека Израелците се потпираат врз својата војска, а не врз силата на Јехова.

Иако израелскиот народ се гордеел со својата национална големина, сепак, не го одобрувал Давидовиот план за толкаво проширување на воените обврски на граѓаните. Предвидениот попис предизвикал големо незадоволство, па пребројувањето на народот морало да им биде доверено на воените власи наместо на свештениците и на градските власи, како што било порано. Целта на овој потфат во суштина била противна на начелата на теократијата. Дури и Јоав, кој инаку бил безочен, се противставил, велејќи: „Твојот Господ, Бог, стократно нека го умножи својот народ и тоа нека го види мојот господар, царот, со свои очи, но зошто мојот господар, царот, има таква желба? Зошто тоа да му се напише како грев на Израел? Но царскиот збор го надвлада Јоава. И отиде Јоав, та го обиколи сиот Израел и се врати во Ерусалим.“ Пребројувањето уште не било ни завршено, а Давид се уверил дека згрешил. Осудувајќи се самиот себеси, тој се молел на Бога: „Многу згрешив што го направив тоа. Сега прости му ја вината на твојот слуга, зашто постапив многу неразумно.“ Следното утро на Давида преку пророкот Гад му е упатена Божја порака: „Вака вели Господ: ’Три казни ти предлагам; избери си една од нив да ја исполнам над тебе. Или три години глад, или три месеци да бидеш прогонуван
од твоите непријатели, и мечот на твоите непријатели да те допира, 748
или три дена меч Господен и помор да пустат по земјата и ангел

Господен да убива по сите предели на Израел.’ И така, види што да му одговорам на Оној кој ме прати со овие зборови.“

Царот одговорил: „Многу ми е тешко, но подобро е да паднам во рацете на Господа, зашто милосрдието негово е многу големо; само да не паднам во човечки раце.“

Земјата била зафатена со помор кој уништил седумдесет илјади Ираелци. Ударот на гневот само што не се урнал и врз престолнината кога „Давид ги крена очите и го виде ангелот Господов како стои меѓу небото и земјата со гол меч во раката протегнат над Ерусалим; и падна Давид ничкум и старешините, покриени со врекишта.“ Во својата сесрдна молитва царот се заложил за народот: „Нели јас наредив да се преброи народот? Јас згрешив, јас направив зло, а овие овци што сториле? Господе, Боже мој! Твојата рака нека биде врз мене и врз домот на мојот татко, а не врз твојот народ за да го погубиш.“

Пребројувањето предизвикало незадоволство кај поголемиот дел од народот, а сепак и тие во срцето го негувале истиот грев што Давида го навел на ваква постапка. И како Господ со своите казни што го казнил Давида преку гревот на Авесалома, така сега преку грешката на Давида ги казнувал Израелците за нивните гревови.

Ангелот извршител бил запрен токму кога стигнал над Ерусалим. Стоел на гората Морија, „на гумното на Орнана Евусеецот“. По налог на пророкот, Давид се упатил на таа гора и „му направи олтар на Господа и принесе жртви паленици и жртви благодарници.“ „И Господ ѝ се смилостиви на земјата и престана поморот во Израел.“

Местото на кое бил подигнат олтарот во иднина се сметало за свето место, и Орнан му го понудил како свој дар на царот. Но Давид не се согласил. „Не“, рекол, „туку ќе го купам од тебе по цена, ниту ќе му принесам на мојот Господ подарени жртви паленици. И така Давид го купи гумното и воловите за педесет сикли
749 сребро.“ Токму тоа место, запаметено како место на кое Аврам подигнал олтар да го жртвува својот син, а сега посветено со ова големо избавување, подоцна било одбрано Соломон на него да да го подигне храмот.

Но, врз последните денови на Давида се навлекол уште еден облак. Веќе навлегол во старост од седумдесет години. Патилата и скудноста низ кои поминал во поранешниот живот, безбројните војни, грижите и маките што го мачеле во неговите подоцнежни години, го поткопале изворот на неговиот живот. Иако духот му бил ведар и силен, староста сè повеќе ја слабеела неговата моќ брзо да сфаќа сè што се случувало во царството, па уште еднаш се дигнал бунт крај самиот престол. Пак можел да се види плодот на

татковската попустливост на Давида. Овојпат престолот му западнал во око на Адонија, кој „беше многу убав“ по надворешност и по однесувањето, но незауздан и неначелен. Во својата младост бил мошне разгален, „и татко му никогаш не го покара ниту му кажа: ’Зошто правиш така?’“ Тој станал против Божјиот авторитет со кој Соломон бил одреден да го наследи престолот. Што се однесува до природните способности и верскиот карактер, Соломон бил поспособен да владее со Израел отколку неговиот постар брат. Но, иако Божјиот избор бил јасно навестен, имало луѓе кои застанале на страна на Адонија. Јоав, иако направил многу злосторства, сè до тогаш му останал верен на престолот; сега и тој се придружил на заговорот против Соломона како и свештеникот Авијатар.

Бунтот веќе зел голем замав. Побунетите се собрале надвор од градот и приготвиле голема свеченост на која сакале Адонија да го прогласат за цар. Но во тој миг нивните планови биле осуетени со брза акција на неколкумина луѓе кои му останале предани на престолот. Нив ги предводеле свештеникот Садок, пророкот Натан и мајка му на Соломона, Витсавеја. Тие целата работа му ја изложиле на царот и го потсетиле дека според Божјето упатство престолот требало да го наследи Соломон. Давид веднаш се откажал од престолот во корист на Соломона и наредил над него да извршат помазание и да го прогласат за цар. Заговорот бил задушен, а главните заговорници заслужено биле казнети со смрт. На Авијатара животот му бил поштеден од почит кон неговиот висок позив и кон неговата поранешна верност кон Давида, но бил лишен од првосвештеничкиот чин кој сега го наследил Садок. Јоав и Адонија привремено биле поштедени, но по смртта на Давида ја 750
примиле казната за своето злосторство. Извршувањето на пресудата над Адонија ја надополнило четворната казна (2. Самоилова 12,6) која сведочела за Божјата одвратност кон гревот на татко му.

Уште од почеток на Давидовото владеење, еден од неговите најомилени планови бил да му изгради храм на Господа. Иако не му пошло од рака да ја оствари таа своја намера, сепак за тоа дело работел многу и сериозно. Се погрижил за многу скапоцен материјал - злато, сребро, скапоцени камења, камења во разни бои, мермер и најскапоцено дрво. А сега сите тие драгоцености што тој ги собрал морале да му бидат предадени на друг, зашто било одредено домот за ковчегот на заветот, за симболот на Божјето присуство, да го изградат други раце.

Кога видел дека му се наближува крајот, царот ги собрал околу себе израелските кнезови и челните луѓе од сите делови на царството таа задача да им ја пренесе ним како свето завештание. Сакал да им остави последна порака и со тоа да осигури нивна

соработка и помош во големото дело што требало да се изврши. Бидејќи веќе наполно бил истрошен и стар, не се очекувало и тој лично да присуствува на тој чин. Но Божјиот Дух слегол врз него и тој можел за последен пат да му се обрати на народот поубедливо и посилно отколку обично. Им зборувал за својата желба да изгради храм и за Божјата наредба според која тоа дело требало да му се предаде на Соломона. Божјето сигурно ветување гласело: „Твојот син, Соломон, ќе го изгради мојот дом и моите дворови, зашто него го одбрав за син, и јас ќе му бидам татко; и ќе го зацврстам неговото царство засекогаш, ако тој постојано ги исполнува моите заповеди и моите наредби како денеска. И сега, пред очите на сиот Израел, пред собирот Господен и пред нашиот Господ, ви велам: Внимавајте да ги држите сите заповеди на вашиот Господ Бог за да владеете со оваа убава земја и да им ја оставите во наследство на своите деца засекогаш."

Давид од лично искуство сфатил колку е тежок патот на оној што ќе се одметне од Бога. Тој го почувствувал проклетството на прекршениот закон и ги жнеел плодовите на престапот, па сета душа му била проникната со загриженост дали израелските водачи ќе му останат верни на Бога и дали Соломон ќе ги слуша Божјите заповеди и ќе ги одбегнува гревовите што го слабееле авторитетот
751 на својот татко, што му го загорчувале животот и го навредувале Бога. Давид добро знаел дека е неопходно Соломон да има понизно срце, непоколеблива вера во Бога и постојана будност за да ги совлада искушенијата на кои сигурно ќе биде изложен на својата висока положба, зашто таквите истакнати луѓе се посебна мета за отровните стрели на сатаната. Обраќајќи му се на својот син, кој веќе бил признат за цар, Давид рекол: „И ти, сине Соломоне, да го познаваш Бога, твојот Татко, и да му служиш од сè срце и со сета душа, зашто Господ ги испитува сите срца и ги знае сите движења на мислите. Ако го бараш, ќе го најдеш; ако Го оставиш, Тој ќе те остави засекогаш. Внимавај! Штом Господ те избрал да му изградиш дом за светилиште, биди храбар и работи."

Давид му предал на Соломона исцрпни упатства за градење на храмот и планови за секој дел и за секој предмет потребен за богослужението, онолку колку што му открил Божјиот Дух. Соломон бил уште млад па се плашел од толку големи одговорности како што било градењето на храмот и преземањето на власта над Божјиот народ. Потоа Давид му рекол на својот син: „Биди храбар, и мажествен и зафати се со работа; не плаши се и не бој се, зашто Господ Бог, мојот Бог, е со тебе. Тој нема да отстапи од тебе и нема да те остави додека не ја свршиш целата потребна работа за домот Господен."

А потоа Давид повторно му се обратил на собирот: „Мојот син, Соломон, единствениот, кого Бог го избра, е млад и нежен, а делото е големо, зашто таа зграда не е за човек, туку за Господа Бога.“ Потоа, мерејќи го собраниот материјал, рекол: „Јас собрав за домот на мојот Бог колку што можев“, и продолжил: „И уште од љубов кон домот на мојот Бог, што имам свое злато и сребро, и него го давам за домот на мојот Бог, освен она што сум го приготвил за светиот дом - три илјади таланти злато, офирско злато, и седум илјади таланти чисто сребро да се обложат ѕидовите на зградите.“ „А дали“, ги прашал собраните кои доброволно донеле свои дарови, „уште некој би сакал да му принесе нешто денеска на Господа?“

Народот радо се оѕвал на тој повик. „Тогаш израелските родоначалници и кнезови, илјадниците и стотниците и царските економи, почнаа да донесуваат доброволни прилози. И дадоа за уредување на Божјиот дом пет илјади таланти злато и десет илјади даријки злато, десет илјади таланти сребро, осумнаесет илјади таланти бакар и сто илјади таланти железо. И оние што имаа скапоцени камења ги даваа и нив во ризницата на домот Господов... И народот се радуваше на нивната сесрдност, зашто тие од сѐ срце жртвуваа за Господа, па и Давид многу се радуваше.“ 752

„Тогаш го благослови Давид Господа пред целиот собир и рече: ’Благословен си, Господе Боже Израелов, отсекогаш и засекогаш! Твое е, Господе, величието, силата, славата, победата и блесокот; и сѐ што е на небото и на земјата, твое е; твое е, Господе, царството, ти стоиш над сѐ одозгора како владетел. Од тебе е и богатството и славата; ти владееш над сѐ; во твоја рака е и силата и цврстината, и во твоја власт е да кренеш и да зацврстиш сѐ. И сега, Боже наш, те славословиме и го фалиме твоето величествено име. Зашто, кој сум јас, и кој е мојот народ та можевме да жртвуваме олку? Но од тебе е сѐ, и добиеното од твојата рака ти го дадовме; зашто ние сме туѓинци пред тебе и придојдени, како и сите наши татковци; нашите дни се како сенка на земјата, и нема ништо трајно. Господе, Боже наш! Сето ова богатство, што го приготвивме, за да ти изградиме дом тебе, на твоето свето име, е од твоја рака, и сѐ е твое. Знам, Боже мој, дека ти го испитуваш срцето и ја сакаш чистосрдечноста.’“

„Јас со чисто срце го жртвував сето ова, и сега гледам дека и твојот народ, кој е собран тука, со радост жртвува за тебе. Господе, Боже на нашите татковци - Аврам, Исак и Израел - запази го засекогаш тоа расположение на срдечните мисли среде твојот народ, и насочи го неговото срце кон тебе. А на мојот син ‚Соломон, дај му

праведно срце за да ги запазува твоите заповеди, твоите откровенија и твоите наредби, да го извршува сето тоа и да ја изгради зградата на твојот дом за која сум приготвил сè. А на целиот собир Давид му рече: 'Благословете го нашиот Господ Бог!' И целиот собир го благослови Господа, Бога на своите татковци и, превиткувајќи ги своите колена, му се поклонија на Господа и на царот."

Сиот овој скапоцен материјал за градење и разубавување на
753 храмот Давид го собирал со најдлабок интерес. Тој компонирал прекрасни пофални песни (псалми) кои во подоцнежните години ќе се одгласуваат во просториите на храмот. А кога видел како кнезовите и поглаварите во Израел го прифаќаат неговиот повик и самите доброволно приложуваат за овој значаен потфат што стоел пред нив, срцето му се радувало во Господа. И кога дале, покажале готовност уште повеќе да дадат. Резервата на собраните дарови ја зголемиле со приложување на сопствени средства. Давид длабоко ја чувствувал својата сопствена недостојност при собирањето на материјал за градење на Божјиот дом, велејќи: „Кој сум јас и што е мојот народ та можевме олку да приложиме"; но изразот на верност и подготвеноста што ја покажале челните луѓе на неговото царство кога со радост му го посветувале своето богатство на Јехова, а и кога самите му се предавале нему во служба, го исполнувале со радост. Меѓутоа, сам Бог на народот му дал такво расположение. Славата му припаѓала нему а не на луѓето. Тој всушност на народот и му ги дал сите тие богатства, и неговиот Дух ги поттикнал нивните срца да ги приложат своите драгоцености за храмот. Сè потекнувало од Господа; кога неговата љубов не би ги возбудила срцата на народот, сите напори на царот би биле напразни и храмот никогаш не би бил изграден.

Сè што човекот прима од Божјето изобилство, му припаѓа на Бога. Сите скапоцености и сите вредносни предмети со кои располагаат луѓето, Бог ги става во нивните раце за да ги провери и да ја испита длабината на нивната љубов кон себе - за да се види како ќе ги ценат даровите на неговата милост. Било тоа да се материјални или духовни богатства, треба да се положат пред нозете на Исуса како доброволна жртва. Како и Давид, секој дарител треба да каже: „Зашто од тебе е сè и, примајќи од твоите раце, ти дадовме."

Кога почувствувал дека му се наближува смртта, Давид сè уште со сето срце се грижел за Соломона и за своето царство, чијашто благосостојба толку многу зависела од верноста на нивниот цар. Тогаш „му заповеда на својот син Соломон, велејќи: 'Еве, јас заминувам таму каде што заминува сè на земјата, а ти биди храбар и биди човек. Внимавај на заветот на твојот Господ Бог, одејќи по неговите

патишта, држејќи ги неговите уредби, неговите заповеди, неговите закони и неговите сведоштва... за да успееш во сите свои потфати и секаде каде што ќе се свртиш; и Господ да го исполни ветувањето што ми го даде: Ако твоите синови внимаваат на своите патишта, верно одејќи пред мене со сето свое срце и со сета своја душа, секогаш еден од нив ќе седи на престолот Израелов"" (1. Царевите 2,1-4).

Како што е запишано, „последни Давидови зборови" биле песна 754
- песна на верноста, на возвишените начела и на непоколебливата вера:

*Рече Давид, синот на Есеја,*
*Рече човекот кој беше високо поставен,*
*Помазаникот на Јакововиот Бог:*
*Духот Господен говори преку мене,*
*И негова беседа точи мојот јазик.*
*Рече Бог Израелов,*
*Ми кажа Карпата Израелова:*
*Оној што владее со луѓето праведно,*
*И што управува со страв Божји -*
*Тој е утринска светлина,*
*Сонце што изгрева во ведрина,*
*Сонце на кое блескоти трева натопена од дожд.*
*Да, мојата куќа стои цврсто пред Бога:*
*Тој склучи вечен сојуз со мене,*
*Завет беспрекорно уреден и утврден.*
*Да, Тој ќе го зацврсти моето спасение,*
*И ќе исполни секоја моја желба."*

(2. Самоилова 23,1-5)

Голем бил Давидовиот пад, но длабоко било неговото каење, топла неговата љубов и силна неговата вера. Му било многу простено, затоа имал и голема љубов (Лука 7,47).

Во Давидовите псалми се наоѓа цела низа искуства: од најдлабока свест за сопствената кривица и осуда на самиот себеси, до највозвишена вера во Бога и најзанесна заедница со него. Записот за неговиот живот сведочи дека гревот може да донесе само срам и болка, но дека љубовта и Божјето милосрдие навлегуваат во најголемите длабини, дека верата ја издигнува душата која се кае за да може да биде примена меѓу Божјите синови. Од сите ветувања што ги наоѓаме во Светото писмо, историјата на Давидовиот живот дава најсилно сведоштво за Божјата верност, за неговата праведност и за неговата заветна милост.

Човекот „го снемува како сенка и исчезнува“, „но речта Божја останува довека.“ „А љубовта на Господа кон оној што го почитува е од искона и довека. Неговата правда е од синови до внуци за оние кои го пазат неговиот завет, кои ги помнат и ги извршуваат неговите заповеди“ (За Јов 14,2; Исаија 40,8; Псалм 103,17.18).

„Сè што прави Бог, трае довека“ (Проповедник 3,14). Величествени ветувања му се дадени на Давида и на неговиот дом - ветувања кои однапред ги гледаат бесконечните векови, и кои целосно ќе се исполнат во Христа. Господ кажува:

755 „Му се заколнав на својот слуга Давид... со свето миро го помазав за цар. Мојата рака ќе го поддржува, мојата мишка ќе го поткрепува... Мојата верна љубов над него ќе бдее, преку моето име моќта ќе му јакне. Со моја помош ќе завладее со морето, неговата десница ќе ги освои реките. Тој ќе ме нарекува: ’Татко мој, Боже мој и Спасителе мој’, а јас ќе го назначам за првенец - највозвишен меѓу земните цареви! Мојата љубов ќе биде со него довека, мојот завет со него нема да престане“ (Псалм 89,3-28).

*„Неговото потомство ќе владее довека,*
*Неговиот престол - додека постојат небесата.“*

Псалм 89,29

*„Тој ќе ги брани угнетените меѓу народот,*
*Спас ќе им донесе на децата на бедниот*
*И докрај ќе го столчи угнетувачот.*
*Ќе живее тој низ поколенијата,*
*Сè додека постојат сонцето и месечината...*
*Во неговите дни ќе цутат правдата,*
*Мирот и благосостојбата -*
*Сè додека постои месечината.*
*Тој ќе владее од море до море,*
*Од големата Река - до крајот на земјата.*
*Довека нека му трае името,*
*Нека се споменува сè додека трае сонцето!*
*Преку него ќе добијат благослов народите*
*И блажен ќе го нарекуваат сите.“*

Псалм 72,4-8.17.

„Зашто ни се роди Дете - Син ни се даде; на неговите рамена почива власт; и ќе го викаат Советник, Чудесен, Бог силен, Отец вечен, Кнез на мирот.“ „Тој ќе биде голем и ќе биде наречен Син на Севишниот. Господ Бог ќе му го даде нему престолот на неговиот предок, царот Давид. Тој вечно ќе владее меѓу потомците на Јакова и неговото царство ќе нема крај“ (Исаија 9,6); Лука 1,32.33).

# ДОДАТОК

(Додатокот е работен според оригиналните страници дадени странично од текстот на книгата)

**НАПОМЕНА 1**, *страница 258.* Господ барал од фараонот: „Израел е мој првороденец. Барам од тебе да ми го пуштиш синот за да ми искаже почит" (2. Мојсеева 4,22.23). Псалмистот објаснува зошто Бог го ослободил Израел од Египет. „Го изведе својот народ со веселба, неговите избраници приредија славје. Земјата од други народи ним им ја подари; станаа наследници на трудот на тие народи, за да ги слушаат неговите наредби и да ги почитуваат неговите закони" (Псалм 105,43–45). Од овие текстови дознаваме дека Израелците немале можност да му служат на Бога во Египет.

Во 5. Мојсеева 5,14.15. посебно е нагласен делот од четвртата заповед кој бара и слугите и слугинките да се одмораат, а Израелците секогаш да имаат на ум дека биле робови во египетската земја. Господ рекол: „А седми ден е сабота, посветена на твојот Господ Бог. Тогаш немој да работиш никаква работа, ни ти, ни твојот син, ни твојата ќерка, ни твојот слуга, ни твојата слугинка, ни твојот вол, ни твоето магаре, ниту некое твое добитче, ниту придојденикот, кој е во твоите градови; така да може да се одмори и твојот слуга, и твојата слугинка како и ти. Спомни си дека и ти беше роб во египетската земја и дека оттаму те изведе твојот Господ Бог, со силна рака и со испружена мишка. Затоа ти заповеда твојот Господ Бог да го празнуваш саботниот ден." Во 2. Мојсеева 5,5 гледаме дека Мојсеј и Арон помогнале народот да се одмори од својот труд.

**Заклучок:** Заповедта за саботата спаѓа меѓу прописите кои Израелците не можеле да ги почитуваат во Египет. Кога Мојсеј и Арон дошле во Египет со Господова порака (2. Мојсеева 4,29–31) и барале реформа, угнетувањето станало многу посурово. Израелците биле ослободени за да можат да ги почитуваат Господовите уредби, вклучувајќи ја и четвртата заповед, што им создало дополнителна одговорност за саботата, како и строго почитување на другите заповеди. Затоа во текстот од 5. Мојсеева 24,17.18. е истакнато дека ослободувањето од Египет ги обврзува да бидат љубезни кон вдовиците и

децата без родители: „Не загорчувај го поминот на придојдениот, сиромавиот и вдовицата, и од вдовица не земај облека во залог; сети се дека и ти беше роб во Египет и твојот Господ Бог те ослободи оттаму. Затоа и ти заповедам да ги исполнуваш овие наредби!“

**НАПОМЕНА 2**, страница 272. Од египетската религија може да се заклучи дека злата биле дозволени за да ја поколебаат довербата на Египќаните во моќта и заштитата од страна на нивните идоли, и да помогнат нивните богови да почнат да изгледаат како сурови мачители на своите обожаватели. Неколку примери можат да ја потврдат веродостојноста на ова мислење.

Првото зло, претворање на водата од реката Нил и на нејзините канали во крв (2. Мојсеева 7,19) било насочено против столбот врз кој се потпирал Египет. Египќаните реката Нил ја обожавале како бог и на многу места дури ѝ принесувале жртви.

Второто зло Египет го прекрило со жаби (2. Мојсеева 8,6). Египќаните и жабите ги сметале за свети суштества, а едно од нивните божества била и Хека, божица со глава на жаба, за која верувале дека има творечки способности. На Мојсеева заповед, кога жабите ја исполниле сета земја, Египќаните се прашале зошто Хека ги мачи своите следбеници, наместо да ги заштити. На тој начин Египќаните биле казнети со второто зло, но и биле изложени на презир, како што верувале, на еден од своите многубројни богови (2. Мојсеева 9,3). Да споменеме само некои од нив! Бикот Апис бил посветен на богот Пта, татко на сите богови; кравата ѝ припаѓала на божицата Хатор, едно од најшироко обожаваните божества во долината на Нил, додека овенот претставувал неколку богови. Еден од нив бил Кнему, а друг Амен, бог со овча глава, врховен бог во Египет во времето на новото царство. Според тоа, болестите што го убивале добитокот, односно сите животни, на Египќаните им укажувале на немоќта на нивните божества во присуство на Бога на презрените Евреи.

Деветтото зло (2. Мојсеева 10,21), му задало тежок удар на еден од нај–големите богови во Египет, на богот на сонцето, Ра, кој бил почитуван уште од почеток на историјата на Египет. Во земјата во која одвај можеле да се видат облаци на небото, сонцето било почитувано како сила која трајно дава топлина, свежина, живот и раст на цел свет. Секој египетски фараон себеси се сметал за „син на Ра“ и се гордеел со таа титула. Кога Амон од Теба станал врховен бог на Египет за време на осумнаесеттата династија, моќта на богот Ра и понатаму била мошне широко признавана, па е направен компромис така што тие две божества се споени во едно: Амон–Ра. Неколку години по излегувањето на Израелците, кога Екнатон за кратко време вовел монотеизам, единствено преостанато божество било Атон, сончев круг. Длабоко вкоренетото обожавање на сонцето во религијата на Египќаните, и широкото почитување на богот на сонцето Ра, Амон–Ра или Атон, може да ни помогне зошто злото, вперено против тој бог, било излеано врз Египет во

времето кога судирот меѓу Израеловиот Бог, Бог на Израелците, и боговите на нивните египетски противници постигнал врв.

Десеттото зло, убивањето на првенците (2. Мојсеева 12,29), исто така, во најмала рака, погодило едно божество. Станува збор лично за фараонот, кој себеси се сметал за Хорус, син на Озириса. Како владетел на Нилската долина, тој од своите поданици барал да му се обраќаат со зборовите „Добар бог“. Според тоа, последното зло претставувало врв на чудесното дејствување на еврејскиот Бог. До тој миг биле осрамотени боговите кои владееле со природата и со животните, а сега бил погоден и богот кој видливо живеел меѓу Египќаните, осрамотен со моќната манифестација на презрениот Бог на еврејските робови за кој горделивиот фараон во една пригода рекол: „Кој е тој Господ за да го послушам неговиот глас и да ги пуштам Израелците? Јас не го познавам тој Господ, ниту ќе ги пуштам Израелците!“ (2. Мојсеева 5,2).

**НАПОМЕНА 3**, *страница 282*. Во 1. Мојсеева 15,13 читаме дека Господ му рекол на Аврама: „Знај дека твоите потомци ќе бидат странци во туѓа земја; ќе робуваат и ќе бидат угнетувани четиристотини години.“ Овој текст поставува прашање дали тие четиристотини години се однесуваат на времето на нивниот престој или на нивните страдања, или и на едното и на другото, и во каков однос се тие 400 години со 430–те години спомнати во 2. Мојсеева 12,40.41. и во Галатите 3,16.17.

Изјавата во 2. Мојсеева 12,40 дека „времето што го поминаа Израелците во Египет беше четиристотини години“ остава впечаток дека Израелците од доаѓањето на Јакова во Египет, па сè до нивното излегување навистина поминале 430 години во долината на Нил. Дека тој впечаток не може да биде исправен сигурно е од вдахновеното толкување на апостол Павле запишано во текстот на Галатите 3,16.17. во кој апостолот кажува дека тие 430 години покриваат период од склучувањето на заветот со Аврама сè до прогласувањето на законот на Синај. Се чини дека Павле мисли на првото ветување што му го дал Бог на Аврама, кога го повикал да го напушти Харан (1. Мојсеева 12,1–3). Во тоа време, кога Аврам имал 75 години (1. Мојсеева 12,4), почнува периодот од 430 години, додека 400 години од пророштвото во 1. Мојсеева 15,13 почнуваат 30 години потоа, кога Аврам имал 105 години, а неговиот син, Исак, 5 години (1. Мојсеева 21,5). Во тоа време Исмаел, „кој се роди по тело, го прогонуваше оној кој се роди по дух“ (Галатите 4,29; 1. Мојсеева 21,9–11).

Тогаш почнало времето на неволји за потомството на Аврама кое ќе продолжи сè до нивното излегување од Египет. Освен со Филистејците, Исак имал неволји и со својот полубрат, Исмаел (1. Мојсеева 26,15.20.21). Јаков побегнал за да го спаси животот од својот брат Исав (1. Мојсеева 27,41–43), а подоцна од Лавана (1. Мојсеева 31,21), за повторно да се најде во опасност од Исава

(1. Мојсеева 32,8). Јосифа неговите браќа го продале како роб (1. Мојсеева 37,28), додека Египќаните долго ги мачеле Израелците (2. Мојсеева 1,14).

Од повикот на Аврама, до заминувањето на Јакова во Египет, поминале 215 години. Тоа време се состоело од (1) дваесет и пет години меѓу повикот на Аврама и раѓањето на Исака (1. Мојсеева 12,4; 21,5), (2) шеесет години од раѓањето на Исака до раѓањето на Јакова (1. Мојсеева 25,26) и (3) староста на Јакова во времето кога пристигнал во Египет (1. Мојсеева 47,9). Тоа се преостанатите 215 години како вистинско време на престој на Евреите во Египет. Според тоа, тие 430 години од 2. Мојсеева 12,40 се збир од времето на престој на патријарсите во Ханан и времето на задржување на Израелците во Египет. Бидејќи Палестина во времето на Мојсеја била дел на Египетското царство, не е ништо необично што писателот од тој период Ханан го вклучил во Египет. Знаејќи дека во тие 430 години е вклучено и времето на престој на патријарсите во Ханан, преведувачите на Септуагинта тој факт го разјасниле во својот превод: „Времето што го поминаа Израелците во египетската и во хананската земја изнесуваше четиристотини и триесет години.“ Додатна потврда за такво толкување на 430–те години може да се најде во пророштвото дека четврто поколение од оние кои влегле во Египет ќе ја напуштат таа земја (1. Мојсеева 15,16), а исполнувањето на тоа пророштво е запишано во 2. Мојсеева 6,16–20.

**НАПОМЕНА 4**, *страница 316*. Обожавајќи го златното теле, Израелците тврделе дека го обожаваат вистинскиот Бог. Затоа, објавувајќи го обожавањето на тој идол, Арон изјавил: „Утре е празник Господен!“ Тие тврделе дека го слават Бога онака како што го славеле Египќаните Озириса, во вид на златно теле. Бог не можел да прифати таква служба. Иако жртвата била принесена во негово име, богот на сонцето, а не Господ, бил предмет на нивното обожавање.

Обожавањето на Аписа било поврзано со најголема распуштеност и библискиот извештај навестува дека и ова израелско обожавање на златното теле било придружено со неморално однесување, својствено за незнабожечките обредни обичаи. Читаме: „Рано изутрината станаа и принесоа жртви паленици и донесоа помирителни жртви. Тогаш народот седна да јаде и да пие. Потоа станаа да играат“ (2. Мојсеева 32,6). Еврејскиот збор, преведен со глаголот „игра“, опфаќа скокање, пеење и играње. Ова играње, посебно меѓу Египќаните, било проникнато со сетилна природа и неморално. Зборот кој во следниот стих е преведен со глаголот „се расипа“, „тргна наопаку“ (“твојот народ што го изведе од египетската земја тргна наопаку“), е ист со оној што е употребен во 1. Мојсеева 6,11.12., каде што е нагласено дека „земјата се расипа... секое суштество на земјата се изопачи.“ Така е објаснет Божјиот гнев и неговата намера веднаш да ги уништи тие луѓе.

**НАПОМЕНА 5**, *страница 329*. Десетте заповеди претставувале „завет“ на кој Господ се повикал кога им предложил на Израелците да склучат завет со него: „Затоа, ако ми се покорувате верно и го држите мојот завет, вие ќе ми бидете посебна сопственост, покрај сите народи – иако е мој целиот свет“ (2. Мојсеева 19,5). Десетте заповеди се наречени Божји „завет“ и пред Бог да склучи завет со Израел. Тие не ја претставувале нивната согласност, туку нешто што Господ им заповедал да прават! Така Десетте заповеди, Божјиот завет, станал темел на заветот склучен меѓу него и Израел. Десетте заповеди во сите свои подробности ги претставуваат „сите овие зборови“ врз чија основа бил склучен заветот (2. Мојсеева 24,8).

**НАПОМЕНА 6**, *страница 354.* Кога била принесена жртва за грев за свеш–теник или за сиот народ, крвта на таа жртва се внесувала во светињата и со неа се прскало пред завесата и се помачкувале роговите на златниот олтар. Салото било запалено на олтарот за жртви паленици во предворјето од Светилиштето, но телото на жртвата е спалувано надвор од логорот (3. Мојсеева 4,1–21).

Меѓутоа, кога била принесувана жртва за кнез или за некого од народот, крвта не е внесувана во светињата, а месото го јаделе свештениците, како што му заповедал Господ на Мојсеја: „Свештеникот кој ја принесува жртвата за грев нека јаде од неа; таа нека се јаде на свето место, во дворот на шаторот за состанок“ (3. Мојсеева 6,26; 4,22–35).

**НАПОМЕНА 7,** *страница 366*. Оној кој го изговорил законот, кој го повикал Мојсеја на горага и разговарал со него, бил Господ Исус Христос. Тоа се гледа од следните факти:

Христос е Оној преку кого Бог во сите времиња му се откривал на човекот. „Но, ние имама еден Бог, Татко, од кого е сè и за кого сме ние, и еден Господ Исус Христос, преку кого е сè и преко кого сме и ние“ (1. Коринќаните 8,6). „Тоа е оној, (Мојсеј), кој во заедницата во пустината беше со ангелот, кој му зборуваше на Синајската гора, и со нашите татковци; оној кој ги прими живите зборови, за да ни ги предаде нам“ (Дела 7,38). Овој ангел бил ангел на Господово присуство (Исаија 63,9), ангел во кого било името на великиот Господ (2. Мојсеева 23,20–23). Овој израз не може да се однесува на никој друг освен на Божјиот Син.

И повторно: Христос е наречен Божја Реч (Јован 1,1–3). Тој е наречен така затоа што Бог во сите времиња преку него му ги давал своите откровенија на човекот. Неговиот Дух ги вдахнувал пророците (1. Петрово 1,10.11). Тој им се откривал како Ангел Господен, како Војвода на Господовите војски, како Архангел Михаел.

**НАПОМЕНА 8**, *страница 603.* Постои прашање кое и денеска возбудува мнозина: Ако теократијата била добра во времето на стариот Израел, зошто теократскиот облик на владеење не би бил добар и во наше време? Одговорот е мошне лесен:

Теократија е облик на владеење кој својата сила ја добива непосредно од Бога. Обликот на владеење во стариот Израел претставувал вистинска теократија. Тоа било вистинско Божје владеење. При грмушката што горела Бог му дал налог на Мојсеја неговиот народ да го изведе од Египет. Со знаци, со чудеса и со силни дела Бог го избавил својот народ од Египет, го водел низ пустината и конечно го вовел во Ветената земја. Таму управувал со народот преку судии сѐ до „пророкот Самоил“, кому, додека бил уште дете, му проговорил и му ја открил својата волја. Во времето на Самоила народот побарал да добие цар. Тоа барање било исполнето и Бог го поставил Саула, а Самоил го помазал за цар над Израел. Саул не ја извршил Божјата волја и кога ја отфрлил Господовата порака, Господ го отфрлил него и го пратил Самоила за цар да го помаже Давида, а Бог го утврдил Давидовиот престол. Кога Соломон го наследил престолот и ја презел власта по својот татко Давид, извештајот кажува вака: „Така Соломон седна на Господовиот престол за да царува на место на својот татко Давид. Беше среќен, и сиот Израел го слушаше“ (1. Дневникот 29,23). Давидовиот престол бил Господов престол, и Соломон седнал на Господовиот престол како цар на земното Божје царство. Наследството на престолот по Давидова линија траело сѐ до Седекија, кој станал поданик на вавилонскиот цар и кој дал свечен завет пред Бога дека верно ќе му служи на Вавилон. Меѓутоа, Седекија го прекршил заветот и затоа Бог му рекол:

„А тебе, нечесен и безбожнички кнезу израелски, тебе ти дојде денот и часот на последното злосторство. Вака вели Господ, Господ: Симни ја митрата од глава и одложи го царскиот венец, зашто сѐ се менува: оној што беше долу, ќе биде возвишен, а кој беше горе, ќе биде понижен. Ќе го уништам, ќе го уништам, ќе го уништам, и ќе го нема, додека не дојде Оној кому му припаѓа, и нему ќе му го дадам“ (Езекил 21,30–32).

Тогаш царството потпаднало под власт на Вавилон. Кога Вавилон паднал и кога надвладеала Медо–Персија, било окупирано првпат. Кога Медо–Персија паднала и кога неа ја наследила Грција, било окупирано вторпат. Кога Грција му ја предала власта на Рим, било совладано третпат.

Речта понатаму кажува: „И ќе го нема, додека не дојде Оној кому му припаѓа, и нему ќе му го дадам.“ Кој е тој кому му припаѓа правото на царството? „Ќе му го дадеш името Исус. Тој ќе биде голем и ќе се нарече Син на Севишниот. И Господ Бог ќе му го даде престолот на неговиот татко Давид. И ќе царува над домот на Јакова довека, и неговото царство не ќе има крај“ (Лука 1,31–33). И додека бил на земјата како „тој пророк“, како човек на болката и подложен на болка, онаа ноќ, кога бил предаден, лично рекол: „Моето царство не е од

овој свет!“ Според тоа, Господовиот престол бил отстранет од овој свет и ќе го нема веќе „додека не дојде Оној кому му припаѓа и нему ќе му го дадам“. Станува збор за крајот на светот и за почеток на светот што ќе дојде.

Спасителот им рекол на дванаесеттемина апостоли: „И јас ви го определувам царството како што ми го определи мене мојот татко, за да јадете и да пиете на мојата трпеза, во моето царство, и да седите на престоли и да им судите на дванаесетте Израелови племиња“ (Лука 22,29.30). Од извештајот на Матеја за ветувањето што им го дал Христос на апостолите гледаме кога тоа ќе се исполни: „Кога Синот човечки ќе седне на престолот на својата слава, и вие ќе седнете на дванаесет престоли и ќе им судите на дванаесетте Израелови племиња“ (Матеј 19,28). Во параболата за талантите Христос себеси се претставува со лик на благородник кој „замина во далечна земја за да прими царство за себе и да се врати“ (Лука 19,12). Тој сам ни кажал кога ќе седне на престолот на својата слава: „Кога Синот човечки ќе дојде во својата слава и сите ангели со него, тогаш ќе седне на престолот на својата слава и ќе се соберат пред него сите народи“ (Матеј 25,31.32).

Писателот на Откровението тоа време го гледа однапред и кажува: „Царството на светот му припадна на нашиот Господ и на неговиот Христос и ќе царува во сите векови“ (Откровение 11,15). Интегралниот текст јасно покажува кога ќе се случи тоа: „И народите се разгневија, и дојде твојот гнев и времето да им се суди на мртвите, и да им се даде награда на твоите слуги, на пророците и на светите и на оние кои се бојат од твоето име, мали и големи, и да ги уништиш оние кои ја расипуваа земјата“ (Откровение 11,18). Токму во времето на конечниот суд, во времето кога им се дава награда на праведните и казна на беззакониците, ќе биде воспоставено Христовото царство. Кога ќе бидат отстранети сите што му се противставувале на Христовото владеење, тогаш царствата на овој свет ќе станат царство на нашиот Господ и на неговиот Христос.

Тогаш Христос ќе владее како „Цар над царевите и Господар над господарите“ (Откровение 19,16). „А царството, власта и величеството под сите небеса, ќе му се даде на народот на светите на Севишниот. Неговото царство е вечно царство, и сите власти ќе му служат и ќе му се покоруваат нему.“ „Но царството ќе го преземат светите на Севишниот и тие ќе го владеат во век века“ (Даниел 7,27.18).

Сè до тогаш Христовото царство нема да биде воспоставено на земјата. Неговото царство не е од овој свет. Неговите следбеници треба себеси да се сметаат за „туѓинци и придојдени на земјата“. Апостол Павле кажува: „А нашето живеење е на небесата, од каде и го очекуваме Спасителот, Господа Исуса Христа“ (Евреите 11,13; Филипјаните 3,20).

Откако пропаднало израелското царство, Бог никогаш и никому не му пренел овластување да го наметнува неговиот закон. „Одмаздата е моја, јас ќе

ја отплатам – говори Господ“ (Римјаните 12,19). Граѓанските власти треба да се занимаваат со меѓусебните односи на човек спрема човек, зашто тие немаат никаква обврска кон должностите што произлегуваат од човековиот однос кон Бога.

Освен израелското царство, на земјата никогаш не постоело царство во кое Бог преку вдахновени луѓе раководел со државните работи. Секогаш кога луѓето се обидувале да организираат таков облик на владеење, сличен на оној во Израел, преземале и должност да го толкуваат и да го применуваат Божјиот закон. Тие преземале на себе одговорност да владеат со совеста на своите ближни, узурпирајќи ги на тој начин божествените права.

Во некогашното уредување, кога гревовите против Бога се казнувани со земна казна, пресудите не добивале само божествена потврда, туку биле носени под негова директна контрола и на негова заповед. Вражарите биле казнувани со смрт, идолопоклониците исто така, како и омаловажувањето на светите работи и богохулството. Сите идолопоклонички народи морале да бидат истребени. Меѓутоа, извршувањето на тие казни било ставено под управа на Оној кој ги познава срцата на луѓето, кој ја знае мерката на нивната вина, и кој спрема своите созданија постапува мудро и милостиво. Кога луѓето, со своите човечки слабости и страсти се обидуваат да ја преземат неговата должност, не е ниту потребно да се докажува дека тогаш се отвора вратата на неограничена неправда и суровост. Се умножуваат најнехумани злосторства и тоа сè во посветено име на Исуса Христа!

Врз основа на израелскиот закон, со кој се казнувале навредите нанесени на Бога, некои поставиле барање и денес сличните престапи да се казнуваат на ист начин. Сите прогонувачи се повикувале на нив за да ги оправдаат своите дела. Начелото дека Бог врз човечките суштества го пренел правото да управуваат со совеста на своите ближни станало темел на верска тиранија и прогонство. Сите кои размислуваат така го губат од вид фактот дека сега живееме во друго време, во околности наполно различни од оние во кои живеел Израел; дека царството Израелово било симбол на Христовото царство, кое нема да биде воспоставено сè до неговото второ доаѓање; дека должностите кои го насочуваат човековиот однос кон Бога не можат ниту пак смеат да им се препуштат на човечките авторитети.

**НАПОМЕНА 9,** *страница 608.* Во врска со Рама Самоилова и Рама Венијаминова, д–р Едершај кажува: „Потврдени се два факта: Престолнината на Саула била во Гаваја, а тој првпат се сретнал со Самоила во Рама. Ако е тоа така, тогаш, според текстот од 1. Самоилова 10,2 изгледа дека не е можно да се изедначат Рама Самоилова и Рама Венијаминова или да се идентификува со современата населба Небу Самоил, околу 5 километри северозападно од Ерусалим.“

# ПОПИС НА БИБЛИСКИТЕ СТИХОВИ

(Библиските стихови се наведени според оригиналните страници дадени странично од текстот на книгата)

## 1. Мојсеева


1,26.27 .......... 44
1,31 .......... 47
2,1-3 .......... 47
2,4 .......... 112
2,8 .......... 46
2,17 .......... 60
2,18.20 .......... 46
2,24 .......... 46
3 .......... 54
3,4 .......... 96
3,4.5 .......... 68
3,15 .......... 65
3,19 .......... 47
4,4 .......... 71
4,6.7 .......... 74
4,9-12 .......... 77
4,16 .......... 62
4,25.26 .......... 80
5,1.3 .......... 80
6,2 .......... 81
6,5 .......... 79
6,5.7.11 .......... 91
6,7 .......... 92
7,1 .......... 117
7,1.9 .......... 98
7,11 .......... 104
8,13 .......... 105
8,21.22 .......... 106
9,2.3 .......... 107
9,6 .......... 516
9,11-16 .......... 106
9,25-27 .......... 117
11,5 .......... 123
11,8 .......... 120
11,31 .......... 127
12,1 .......... 126
12,3 .......... 125
12,5 .......... 127
12,7 .......... 128
12,18.19 .......... 130
13,1-9 .......... 132
13,10 .......... 156
13,10-13 .......... 133
14,17-24 .......... 136
14,19.20 .......... 157
14,20 .......... 525
15,1-5 .......... 136
15,7-18 .......... 137
15,13.14 .......... 282
15,16 .......... 434
15,18 .......... 716
16,6-13 .......... 145
16,12 .......... 174
17,1 .......... 370
17,1-6 .......... 137
17,7 .......... 370
17,18-20 .......... 146
18,17-33 .......... 139
18,19 .......... 140,575
19 .......... 158
19,17 .......... 166
21,12 .......... 151
22,2 .......... 148
22,5-8 .......... 152
22,11.18 .......... 152
22,18 .......... 370
24 .......... 172
25,32.34 .......... 179
26,5 .... 140,154,363,370
27,3.4 .......... 179
27,33 .......... 181
28,13-15 .......... 184
28,16-22 .......... 187
28,22 .......... 188,525
29,1 .......... 188
29,20 .......... 189
30,25-27.30.43 .......... 192
31 .......... 193
31,15 .......... 189
31,38-40 .......... 190
32 .......... 195
32,28 .......... 198
33,4 .......... 198
33,18 .......... 204
34 .......... 204
35 .......... 205
35,5 .......... 499
35,27 .......... 207

36,7 ........................ 207
37 ............................ 209
39 ........................... 214
40 ........................... 219
41 ............................ 220
41,54-56 ................. 224
42 ................................ i
50 ........................... 224
46,7 ......................... 206
49,5-7 ..................... 205

## 2. Мојсеева

1 .............................. 241
2,1-10 ....................... 241
2,14 .......................... 247
2,23-25 ..................... 251
3, ............................ 252
4,1-26 ....................... 252
4,14 .......................... 320
4,21 ......................... 268
4,22.23 ..................... 273
4,27-31 .................... 257
5 .................................. i
10 ........................... 257
11,4-8 ...................... 274
12,1-28 ..................... 274
12,5 .......................... 352
12,27 ....................... 279
12,29-33 .................. 280
12,34-39 .................. 281
12,40.41.51 .............. 282
12,46, ...................... 277
13,17-22 .................. 282
14,10-22 .................. 284
14,23.24 .................. 287
15,1-16 .................... 288
15,25 ....................... 291
15,26 ....................... 292
16,3 ......................... 292
16,8-10.14.15.18.31 . 295
16,23.25.26. ............ 296
16,35 ....................... 297
17,1-7 ...................... 297
17,14 ....................... 299
17,16 ....................... 300
18,13-26 .................. 301
19 ............................ 303
19,5.6 ...................... 371
20,2-17 .................... 305
20,8-11 .................... 111
20,10 ....................... 525
20,19-21 .................. 310
21,14 ....................... 516
21,17 ....................... 408
22,23.24.31 ............. 311
23,9.20-22 ............... 311
23,10.11 .................. 531
22,14-16 .................. 537
23,20.21 .................. 419
23,24 ....................... 369
23,24.25 .................. 543
23,27-33 .................. 544
24 ............................ 312
24,7 .......................... 372
25,2 ......................... 343
25,8 ................. 313,343
25,22 ........................ 62
25,30 ....................... 354
26,1 .......................... 347
28,2 ......................... 350
28,29 ....................... 351
29,43.45 .................. 314
30,12-16 .................. 526
31,13.14.17 ............. 313
32 ............................ 316
32,15.16 .................. 314
33 ............................ 327
34 ............................ 329
34,6.7 ...................... 628
34,7 .......................... 469
34,24 ....................... 537
35,21.22 .................. 344
35,23-28 .................. 344
36,6 ......................... 344
39,43 ....................... 349
40,34 ....................... 349

## 3. Мојсеева

10,3.6.7 .................. 361
10,9-11 .................... 362
10,17 ....................... 355
16,16.19.21.22 ......... 355
18,5 ......................... 372
19,9.10 .................... 531
19,18 .......... 136.305.373
19,31 ....................... 689
19,33.34 .................. 507
20,6 ......................... 685
23,40.42.43 ............. 540
24,15.16 .................. 408
25,5.21.22 ............... 531
25,9.10 .................... 533
25,23 ....................... 534
25,35-37 .................. 532
26,4-17 .................... 535
27,30.32 .................. 525

## 4. Мојсеева

2,2.17 ...................... 375
3,13 .......................... 277
4,15 .......................... 705
7,9 ............................ 705
8,16 .......................... 277
10,33.35.36 ............. 376
11 ............................ 379
11,8 .......................... 295
11,31 ....................... 382
12 ............................ 383
12,1 ......................... 383
12,3 .......................... 251
12,8 .......................... 396
13,17-33 .................. 387
14 ............................ 387
14,41-43 .................. 394
15,15 ....................... 507
15,35 ....................... 409
16 ............................ 398
17 ............................ 403
18,15.16 .................. 277

18,21 ....................... 530
20,1 ......................... 410
20,1-13 ..................... 414
20,14-20 ................... 422
20,22-29 ................... 425
20,29 ....................... 427
21,5 ......................... 428
21,7-9 ....................... 429
22 ............................. do
24 ........................... 438
23,21.23 ................... 457
24,17 ....................... 475
25 ........................... 454
25,1-3 ...................... 684
26,64.65 ................... 456
27,16-23 ................... 462
31 ........................... 456
33,55 ....................... 544
35,11.12 ................... 515
35,30.31.33 ............. 516

## 5. Мојсеева

1,15 ......................... 374
1,16-17 ..................... 381
1,41 ......................... 392
1,45 ......................... 394
2 ............................. 433
2,3-6 ......................... 414
2,4.5 ......................... 423
2,7.14.15 ................... 406
3,1-11 ....................... 435
3,2 ........................... 436
3,24-27 ..................... 462
3,26 ......................... 419
4,5.6 ......................... 464
4,6 ........................... 605
4,7.8.10.20 ............... 465
4,23-26 ..................... 466
4,32-35 ..................... 463
6,4.5 ................ 305,373
6,7-9.20-25 ............... 468
6,10-12 ..................... 466
7,2 ........................... 492
7,7-9 ......................... 464
7,9 ........................... 118
8,2.3.5 ..................... 407
8,7.8 ......................... 128
8,7-9 ......................... 465
8,15 ......................... 429
8,18 ......................... 525
9,1 ........................... 487
9,10 ......................... 314
9,20 ......................... 323
10,6 ......................... 427
11,10-12 ................... 465
11,18-21 ................... 503
11,19 ....................... 504
11,22-25 ........... 544,716
12,8-28 ..................... 634
14,23.29 ................... 530
15,6-9.11 ................... 533
15,13.14 ................... 532
16,11-14 ................... 530
18,12 ....................... 689
18,15 ....................... 480
20,5-8 ....................... 549
20,16 ....................... 492
23,7.8 ....................... 375
23,15.16 ................... 532
24,14.15 ................... 532
24,19-22 ................... 531
25,17-19 ................... 300
25,19 ....................... 628
26,5.8-11 ................... 527
26,12 ....................... 530
27,26 ....................... 372
28 ........................... 466
29,29 ....................... 113
30,19.20 ................... 467
31,10-13 ................... 503
31,23 ....................... 470
32,4 ........................... 43
32,10 ....................... 407
32,11.12 ................... 469
32,15 ....................... 413
32,49.50 ................... 470
33,2.3 ....................... 305
33,13-16 ................... 475
33,26-29 ................... 471
34,1 ......................... 471
34,5.6 ....................... 477
34,10-12 ................... 478

## Исус Навин

1 ................................. i
4 ............................. 482
2,11 ......................... 369
4,12.13 ..................... 518
5,3.9.10 ................... 485
5,9-12 ....................... 486
5,13-15 ..................... 488
6,7 ........................... 488
8,30-35 ..................... 499
9,10 ......................... 505
10,6 ......................... 507
10,40-43 ................... 510
11 ........................... 510
14,6-15 ..................... 511
15,14 ....................... 513
17,14-18 ................... 513
18,1-10 ..................... 514
19,49.50 ................... 515
22 ........................... 518
23,24 ....................... 521
24,2 ......................... 125

## Судии

1,28 ......................... 543
2,12 ......................... 545
6 ................................. i
8 ............................. 545
6,5 ........................... 546
7,12 ......................... 550
8,18 ......................... 546
10,10-16 ................... 557
13 ........................... 560
14 ............................. do
16 ........................... 562

## 1. Самоилова

1 .... 570
2,1-11 .... 570
2,12-36 .... 576
2,17 .... 609
2,30 .... 529
3 .... i
7 .... 581
8,12 .... 604
9,2 .... 608
10,8 .... 617
12,13 .... 636
13 .... 618
13,5 .... 617
13,14 .... 636
13,22 .... 616
14 .... 623
15 .... 627
15,11.29 .... 630
16 .... 637
16,18 .... 644
17 .... 645
17,34.35 .... 644
18 .... do
22 .... 649
22,20-23 .... 660
23 .... do
27 .... 660
25,29-31 .... 667
26,15.16 .... 699
28,31 .... 675
28,6 .... 683
29,30 .... 691
30,8 .... 693

## 2. Самоилова

1,2-16 .... 695
1,19-27 .... 696
2 .... i
4 .... 697
5,1-5 .... 697
5,10 .... 702
5,17-25 .... 704
6 .... 705
7 .... 711
8,15 .... 719
9 .... 713
10 .... 714
11,12 .... 723
11 .... do
27 .... 723
12,5.6 .... 721
12,11.12 .... 739
13 .... do
19 .... 727
18,3.4 .... 743
23,1-5 .... 754
23,13-17 .... 736
24,14.25 .... 748

## 1. Царевите

1 .... 749
2,1-4 .... 753

## 2. Царевите

12,4.5 .... 526

## 1. Дневникот

2,7 .... 495
10,13.14 .... 683
14,16.17 .... 704
19,6.7.13 .... 715
21 .... 747
21,26 .... 748
22,8-10 .... 712
28,29 .... 750

## 2. Дневникот

24,4-13 .... 526

## Немија

9,6 .... 115
9,13 .... 365
9,19-21 .... 407
10,32.33 .... 526

## Книгата за Јов

9,5 .... 328
11,7-9 .... 116
14,2 .... 754
28,28 .... 222
37,16 .... 51
38,7 .... 47,65
38,11 .... 97,694
38,22.23 .... 509

## Псалми

2,4 .... 739
3,1-8 .... 742
8,6-8 .... 45
9,5.6 .... 341
9,15 .... 456
11,1-5 .... 661
15,4 .... 506
17,5 .... 452
18,46-50 .... 716
19,1 .... 116
19,1.2 .... 48
19,14 .... 413
20,7 .... 716
23,2 .... 413
24,3 .... 506
24,7-10 .... 708
25,9 .... 384
25,14 .... 139,329
27,5 .... 110
32,1-4 .... 724
32,5-7 .... 725
33,6.9 .... 44,112
33,10.11.13.14 .... 124
33,16.17 .... 716
34,7 .... 537
34,12-14 .... 600
36,8.9 .... 413
37,11 .... 170

37,18.26 .................. 118
37,29 .......................... 67
37,37 ........................ 237
40,8 .......................... 372
40,17 ........................ 351
44,4-7 ...................... 716
48,1.2 ........................ 539
48,2 .......................... 731
50,3.4 ........................ 339
50,5.6 ........................ 341
50,10 ........................ 525
50,23 ........................ 289
51,1-14.16.17 ............ 725
51,7 .......................... 277
51,10 ........................ 460
56,3 .......................... 692
61,2 .......................... 413
62,7 .......................... 413
66,18 ........................ 329
67,5 .......................... 290
68,8 .......................... 340
71,3 .......................... 413
72,4-8 ...................... 755
72,17 ........................ 755
73,8 .......................... 124
73,26 ........................ 413
77,17-20 .................. 287
78,15.16 .................. 298
78,18-21 .................. 379
78,24.25 .................. 297
78,32-35.37-39 ........ 410
78,52.58.60.61 ........ 545
80,1 ............................ 62
81,11.12 .................. 441
85,10 ........................ 349
89,3-29 .................... 755
89,13-18 .................... 33
89,14 .......................... 34
89,31-33 .................. 738
91,1.4.16 .................. 167
91,9.10.14 ................ 110
92,12 ........................ 450
94,14.15.21.23 ........ 456
94,22 ........................ 413
96,6 ............................ 34
97,2 ............................ 43
103,1.2 .................... 294
103,17.18 ................ 754
104,5 .......................... 44
104,20.21.27.28 ...... 115
105,14.15 ................ 131
105,18 ...................... 218
105,21.22 ................ 222
105,39 ...................... 282
105,41 ...................... 411
105,43-45 ................ 334
106,16 ...................... 320
106,19.20 ................ 317
106,28 ...................... 684
106,33 ...................... 420
106,34-38.40 .......... 544
106,37.38 ................ 686
111,7.8 .................... 342
111,9 ........................ 307
112,6 ........................ 481
113,3 ........................ 342
115,1 ........................ 289
115,8 .......................... 91
116,12 ...................... 187
116,18.19 ................ 539
118,19 ...................... 539
119,9.11 .................. 460
119,89 .............. 342,365
119,104.172 ............ 596
121,1.2 .................... 538
121,2-8 .................... 664
122,1-6 .................... 538
122,7 ........................ 539
125,1.2 .................... 538
132,14 ...................... 732
133,1 ........................ 658
141,5 ........................ 667
144,5.6 .................... 109
144,15 ...................... 117
145,9 ........................ 443
145,17 ........................ 39
145,18 ...................... 125
146,2 ........................ 290
146,4 ........................ 685
147,8 ........................ 115
147,16 ...................... 115
148,8 ........................ 509

## Мудри изреки Соломонови

1,24-31.33 ............... 558
1,30-32 .................... 739
2,18.19 .................... 461
3,17 .......................... 600
4,22 .......................... 600
4,23 .......................... 460
5,3.4.8-11 ................ 461
7,26 .......................... 457
8,22-30 ...................... 34
9,10 ........... 596,651,739
9,18 .......................... 461
11,24 ........................ 528
12,10 ........................ 442
12,22 ........................ 506
14,12 ......... 361,634,720
15,27 ........................ 168
15,33 ........................ 553
18,4 .......................... 413
19,23 ........................ 600
23,4 .......................... 168
23,7 .......................... 460
27,4 .......................... 385
28,9 .......................... 584

## Проповедник

3,14 .......................... 754
8,11 .......................... 124
9,5.6 .......................... 685
9,18 .......................... 118

**Песна над песните**

2,11-13 ..................... 538

**Исаија**

2,20.21 .................... 341
4,5.6 ........................ 283
4,6 ........................... 191
5,20-24 .................... 360
8,19 .......................... 684
8,19.20 ..................... 687
9,6 ...................... 34,755
12,3 .......................... 412
13,7.8.11.13 .............. 340
13,9 .......................... 167
14,13.14 ..................... 35
24,20 ........................ 340
26,4 .......................... 413
26,9.10 ..................... 332
26,21 ........................ 339
27,5 .......................... 726
28,21 ........................ 628
32,2 .......................... 413
35,1.2.5-10 .............. 542
35,6 .......................... 413
37,16 .......................... 62
40,8 .......................... 754
40,12 ........................ 302
40,26 ........................ 115
41,17 ........................ 413
44,3 .......................... 413
45,18 .......................... 67
48,21 ........................ 411
51,7 .......................... 338
51,7.12.22 ................ 341
53,4.5 ....................... 411
54,9.10 ..................... 107
54,10 ................. 342,657
55,1 .......................... 413
55,7 .......................... 726
58,13 ........................ 307
61,11 ........................ 342
63,9 .......................... 407
64,1-3 ....................... 109

**Еремија**

2,6 ........................... 377
2,13 .......................... 413
7,12.14 ..................... 515
10,10-12.14-16 ......... 336
10,13 ........................ 115
13,20 ........................ 192
17,9 .......................... 688
17,12 .......................... 34
25,30 ........................ 340
29,11 ........................ 129
30,5-7 ....................... 201
30,6 .......................... 340
31,33.34 ................... 372
50,25 ........................ 509

**Плачот на Ерамија**

3,37 .......................... 360

**Езекил**

1,11 .......................... 348
1,28 .......................... 107
16,49.50 ................... 156
20,11 ........................ 372
20,13-24 .................. 410
28,12-15.17 ................ 35
31,8 .......................... 450
33,11 ........................ 628
34,16.22.28 ............. 191

**Даниел**

7,10 .......................... 357
7,18 .......................... 342
7,27 .......................... 170

**Осија**

4,17 ................... 165,405
12,4 .......................... 197
13,11 ........................ 605

**Јоил**

3,16 ................... 340,341

**Амос**

3,3 ....................... 85,174

**Авдија**

16 ............................. 541

**Михеј**

4,8 ............................. 67
5,2 ............................. 34
6,4 ........................... 382
7,8.9 ........................ 738

**Наум**

1,3 ........................... 628
1,3-6 ........................ 109

**Авакум**

2,3 ........................... 170
3,11-13 ..................... 508

**Агеј**

1 .............................. 527
2,8 ........................... 525
2,16-19 ..................... 528

**Захарија**

3,2 ........................... 168
6,13 ............................ 63
13,1 .......................... 413
14,7 .......................... 237
14,9 .......................... 342

**Малахија**

3,2 ........................... 339
3,7 ........................... 165
3,8 ........................... 497
3,10 .......................... 529
3,11 .......................... 527
3,18 .......................... 341
4,1 ........................... 341

## Матеј

4,16 .......... 476
5,8 .......... 87
5,9 .......... 667
5,14-16 .......... 370
5,17.18 .......... 365
5,18 .......... 469
6,24 .......... 167,496
7,2 .......... 625
7,21 .......... 207
10,8 .......... 528
10,26 .......... 721
11,28.29 .......... 294
12,32 .......... 405
15,9 .......... 166
16,27 .......... 339
18,16 .......... 516
23,38 .......... 475
24,38.39 .......... 101
25,41 .......... 469

## Марко

14,38 .......... 689

## Лука

1,32.33 .......... 755
2,14 .......... 65
3,38 .......... 45
7,48 .......... 754
10,27 .......... 305
12,15 .......... 496
12,20 .......... 668
12,48 .......... 528
16,29.31 .......... 367
17,26.30 .......... 104
17,28.30 .......... 166
18,7.8 .......... 203
18,8 .......... 103
21,20.21.34-36 .......... 166
23,34 .......... 140

## Јован

1,1.2 .......... 34
1,14 .......... 278
1,51 .......... 184
3,14.15 .......... 431
3,15 .......... 475
3,16 .......... 63
3,20 .......... 74
3,36 .......... 207
4,14 .......... 204,413
5,17 .......... 114
5,39 .......... 367
6,37 .......... 431
6,48-51 .......... 297,354
6,53.54.63 .......... 277
7,17 .......... 384
7,37-39 .......... 412
8,29 .......... 372
8,39 .......... 154
8,44 .......... 337
8,56 .......... 154
10,5.11-14 .......... 191
12,31.32 .......... 69
15,18 .......... 559
17,20 .......... 520
19,36 .......... 277

## Делата на апостолите

2,19 .......... 109
4,12 .......... 73,431
6,15 .......... 329
7,5 .......... 169
7,22 .......... 245
7,25 .......... 246
7,44 .......... 357
17,25 .......... 525
17,28 .......... 115
20,28.29 .......... 192

## Римјаните

1,20 .......... 116
1,21.28 .......... 82
3,31 .......... 373
4,3 .......... 137
4,11 .......... 138,140
4,13 .......... 170
5,1 .......... 373
6,23 .......... 341,741
7,12 .......... 123,365
8,1.34 .......... 517
8,3 .......... 330
8,3.4 .......... 373
8,18 .......... 127
8,22 .......... 443,542
8,32 .......... 154
12,1 .......... 352
12,10 .......... 133
13,1 .......... 719

## 1. Коринќаните

2,9 .......... 602
3,9 .......... 595
3,17 .......... 362,461
4,5 .......... 386
5,7 .......... 277
5,7.8 .......... 278
6,19.20 .......... 362
10,1.2 .......... 282
10,4 .......... 411
10,11.12 .......... 457
10,20 .......... 686
10,31 .......... 362
11,1 .......... 719
15,32 .......... 182
15,51.52 .......... 89

## 2. Коринќаните

4,4 .......... 67,442
4,17 .......... 127,476
5,19 .......... 64,366
5,20 .......... 580
6,14.17.18 .......... 175
6,15.16 .......... 563

6,17 ........................ 458
8,13-15 ........................ 295
9,6.8 ........................ 528
9,7 ........................ 529

## Галатите

3,7 ........................ 153
3,8 ........................ 154
3,8.16 ........................ 370
3,16 ........................ 169
3,29 ........................ 170
5,21 ........................ 461
6,7 ........................ 268

## Ефесците

1,14 ........................ 67
3,20 ........................ 554
5,3 ........................ 496
5,29 ........................ 46
6,2 ........................ 308
6,12 ........................ 717

## Филипјаните

2,4 ........................ 133
4,8 ........................ 460

## Колошаните

1,16 ........................ 34
2,14 ........................ 365
3,3 ........................ 450
3,5 ........................ 496

## 1. Солуњаните

4,16-18 ........................ 89
5,3 ........................ 104

## 2. Солуњаните

1,7.8 ........................ 340
2,9 ........................ 686

## 1. Тимотеј

4,1 ........................ 103,686
5,19 ........................ 386
6,9 ........................ 168

## 2. Тимотеј

1,5 ........................ 592
3,1 ........................ 103
3,12 ........................ 608
3,15 ........................ 592

## Евреите

1,3 ........................ 45
1,3.8 ........................ 34
1,14 ........................ 65
2,9 ........................ 65
2,10.18 ........................ 480
2,18 ........................ 64
3,5.6 ........................ 480
3,12 ........................ 294
4,3 ........................ 115
4,13 ........................ 721
6,6 ........................ 580
6,18 ........................ 371,517
8,2 ........................ 356
8,5 ........................ 352,356
9,9.23 ........................ 356
9,19.20 ........................ 312
9,21.23 ........................ 357
9,23.24 ........................ 343
9,24 ........................ 357,367
9,28 ........................ 411
10,26.27 ........................ 405,517
11,1.8 ........................ 126
11,4 ........................ 72
11,5.6 ........................ 88
11,7 ........................ 95
11,9 ........................ 126
11,9.10.13.16 ........................ 170
11,13.16 ........................ 81
11,19 ........................ 152
11,23 ........................ 243
11,24-26 ........................ 246
11,29 ........................ 290
11,30 ........................ 493
11,33.34 ........................ 513
12,11 ........................ 238
12,16.17 ........................ 181
12,21 ........................ 304
12,26 ........................ 340
13,2 ........................ 138
13,4 ........................ 46
13,8 ........................ 630

## Јаков

1,5 ........................ 248
1,5.7 ........................ 348
1,17 ........................ 373,630
2,17 ........................ 154
2,17.22 ........................ 73
2,21-23 ........................ 153
2,23 ........................ 140
3,16 ........................ 385
4,4 ........................ 459
4,11 ........................ 386
5,16 ........................ 663

## 1. Петрово

1,4 ........................ 170
1,5 ........................ 460
1,8 ........................ 341
1,10.11 ........................ 367
1,12 ........................ 155
1,13-15 ........................ 460
1,19 ........................ 352
2,9 ........................ 362,607
3,8.9 ........................ 520
5,2.3 ........................ 191
5,4 ........................ 192
5,7 ........................ 294

## 2. Петрово

2,1.2 ........................ 686
2,10.11 ........................ 386
2,15 ........................ 439
2,16 ........................ 442
2,19 ........................ 67
3,3.4 ........................ 103
3,5-7 ........................ 101

3,8 .......................... 170
3,10.......................... 104

## 1. Јованово

2,4 ............................ 73
2,15.......................... 459
2,22.23 ...................... 686
3,2 ............................ 64
3,12 ........................... 74
3,13.......................... 559
3,15.......................... 308
5,3 .......................... 154
5,4 .......................... 513

## Јуда

9............................. 479
11 ............................. 81
14.15 .................. 86,393

## Откровение

2,4.5 ....................... 165
2,7............................. 62
2,17 ......................... 297
4,2.3 ....................... 107
4,5 .......................... 356
5,11 ........................... 36
5,13......................... 541
6,14 ......................... 340
6,15-17..................... 341
8,3 .......................... 356
11,19 ....................... 356
12,9......................... 431
12,9.11 ...................... 77
12,10.12 .................. 689
13,8........................... 63
14,3........................... 89
14,8......................... 124
15,2.3 ...................... 289
15,3........................... 79
16,17.21 .................. 509
16,18.20.21............. 110
17,18 ....................... 167
18,2 ........................ 124
18,4 ........................ 167
19,10 ....................... 367
20,12 ....................... 357
20,14 ....................... 461
21,1 ........................... 62
22,3 ........................... 67
22,11 ....................... 201
22,14 ................. 62,208
22,17 ....................... 413

# ИНДЕКС

(Индексот е работен според оригиналните страници дадени странично од текстот на книгата)

## А


**АВЕЛ,** го преколнува Каина, 71,72,74
живот 71–79
зошто Каин бил лут на него, 74

**АВЕНИР,** го:
крунисал Исвостеја за цар над Израел, 698
напушта Исвостеја и преминува кај Давида, 699
го убил Јоав, 699
Давид го укорува, 671,698
Давид жали за него, 700
карактер, 698,700

**АВЕСАЛОМ,** бегство, 727
бунт, 727–745
го убил Амнона, 727
го убил Јоав, 744
гробот, траен укор, 744
Давид жали за него, 744
карактер, 729
се враќа во Ерусалим, 729

**АВИВ,** прв месец на еврејската година, 537

AVIGEJA, брак со Давида, 668
моли за Навала, 666
побожност, 667

**АВИГЕЈА,** сестра на Давида, 742

AVIJATAR, Давидов советник, 693
одземено му е свештенството, 749
побегнал кај Давида, 660
се вклучува во заговор против Соломона, 749

**АВИЈУД,** види: Надав

AVIMELEH, ги убил законитите синови на Гедеона, 557
прифатен за цар во Израел, 556

**АВИНАДАВ,** ковчегот во неговата куќа, 589,704

AVIRON, види: Кореј

AVISAJ, заповедник во Давидовата војска, 742
сака да го убие Симеја, 737

**АВРАМ,** Бог му укажува чест, 138,140
богатство, 127,132,147
ветувања, 125,133,137,140,146,153,169, 170,232,370,522
ветување за земјата, исполнето, 716
видение за угнетувањето во Египет, 137,281
влијание, 128,142,147,158,368
го избавува Лота од Еламците, 135
дава десеток, 136,525
добил заповед да го жртвува Исака, 147,148
домаќинство, 141,142
други светови дознале за неговиот завет со Бога, 155
збунет со ветување за син, 136
името променето во Аврам, 138
карактер, 125–134,138,140,157
народи му укажуваат чест, 133,134,147,368
неволји поголеми од Адамовите, 155
недостиг од вера, 130,145,147,174
објавено му е евангелието, 125,154,366
откриена му е судбината на Содом, 139
патување во:
Ветил, 128,132
Вирсавеја, 147,173
Египет, 129
Ханан, Сихем Ур, 127
Хеврон, 133
повик, 125,126,363,368,523

предлага да го посини Елиезера, 136
пријател Божји, 128,154,366
сатаната го обвинува пред Бога, 155
се жени со Агара, 145
се разликува од Лота, 168

**АВТОМАТ,** човекот не е само, 49,331

AVTORITET, Божји, над Израел, 303,603,605
највисок, 35,331,621
пасторален, 578
родителски, 141,337,577,578

**АГАГ,** вина, 632
Самоил го исекол, 632
Саул му подарил живот, 629

**АГАРА И ИСМАЕЛ ИСТЕРАНИ**, 146,147

**АДАМ,** власта загубена, 60,69,331
го разбрал Божјиот закон, 363
евангелието објавено, 366
змија не го измамила, 56
интелектуална сила, 50,51
ја обвинил Ева за падот, 57,58
каење, 82
моли казната да не падне врз Христа, 66
му била дадена власт, 45,50,59,67
неговата проверка лесна, 60,61
обновена власт, 65,66,69
одговорен за страдањата и гревот, 82
откриена човековата историја, 67
поучувал девет поколенија, 82,363
синови според неговата лика, 80
слободно разговарал со Бога, 50,184
создаден според Божја лика, 44,60
физички изглед, 45

**АДАМ И ЕВА**, го обвиниле Бога за својот пад, 58
занимање, 47
казна изречена, 58,59
карактер, 49
предупредени за плановите на сатаната, 52,53
проверка, 66
ученици под Божја контрола, 50,83

**АДВЕНТ,** види: Прво доаѓање, второ доаѓање

ADONIJA, бунт, 749

ADONISEDEK, 507

**АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ**, последици, 362

**АЛЧЕН - АЛЧНОСТ**, страшна сила, 309,439,440,448,496,497

AMALIK, навестена судбина, 299,627
се фали што го убил Саула, 695

**АМАЛИЦИ,** види: Израелски битки против нив
го спалуваат Сиклаг, 693,694
ја отфрлаат Божјата сила, 300,629
карактер и гревови, 299,300

**АМАСА,** заповедник на војската на Авесалома, 742

**АМБАСАДОР,** света служба, 386,714

AMBICIJA, види: Авесалом, Кореј, Луцифер

AMNON, вина, 727
зошто Бог му дозволил на Авесалома да го убие 728

**АМОНЦИ,** види: Израел – битките со нив
да се протераат, 433
даваат данок на Израел, 715
Израел избавен од нив, 558
погрешно протолкувана љубезноста на Давида, 714
покорен Израел од нив, 557
потомци на Лот, 168,433
Саул ги избавува Гаваонците од нив, 613

**АМОРЕЈЦИ,** зошто се уништени, 435,523
поседи, 433

**АНА,** го посветила Самоила за служба во Светилиштето, 571
награда, 572
Самоилова мајка, 569
се моли за дете, 570

**АНАРХИЈА,** ги проникнува сите народи, 102
причини 536

**АНГЕЛ,** во столб од оган, 311,366,419
му се покажал на:
Аврама, 137,139
Агара, 145
Валама, 439
Гедеона, 546
Давида, 748
Исуса Навина, 487
Лота, 158
Маное, 560
Мојсеја, 252
се бори со Јакова, 197

**АНГЕЛИ,** весници на сатаната, 685
ги довеле животните во ковчегот, 98
заштита за време на неволјите, 256
зли ангели, крај на времето на милоста, 41
Јаков ги гледа на сон, 184
како Божји слуги, 34,36,50,65,67
како можеме да ги истераме од

нашите домови, 169
Луцифер ги завел, 331
под нивна заштита, 256
понудиле да умрат за човекот, 64,66
сакаат да го сфатат спасението, 155
се бореле заедно со Јонатана, 623

**АНТИХРИСТ,** спиритизам, 686

ANUN, ги навредува пратениците на Давида, 714

APETIT, изопачен, 306,378
контрола, 378,562
попуштање, 60,68,101,182

**АР,** даден на потомците на Лот, 433

ARAD, битка со него, 428

ARGUMENTI, со кои се служи сатаната да збуни, 41

ARNON, Израелците преминуваат преку него, 435

ARON, грешки, 317,360,382,426
добри дела, 425,426
карактер, 316,320,383
Мојсеев соработник, 254,313,425
одговорност за отпад, 317,323
свештенство, 350,403,426,579
смрт, 426,427

**АРОНИ,** и сега во Црквата, 317

ASAILO, го убил Авенир, 699

ASAR, спален, 510

**АСКАЛОН,** Самсон убил триесетмина, 564

ASTAROTA, Израелците ја обожавале, 590
оружјето на Саула ставено во нејзиниот храм, 682
седиште на култот во Ерихон, 487

**АТЕИЗАМ,** во Вавилон, 119
последица од кршењето на саботата, 336

**АХАН,** грев, 494–498,613
изнудено признавање, 498
поуки од неговиот случај, 496

**АХИМЕЛЕХ,** свештеник во Нов, 656,659

AHIS, го оддалечува Давида од војската, 691
го повикува Давида во војна против Израел, 674,690
Давид бара прибежиште кај него, 656,672

**АХИТОФЕЛ,** дедо на Витсавеја, 735
злонамерен совет, 739
се придружува кон бунтот на Авесалома, 731,735
совет отфрлен, 741
советува потера по Давида, 739,740

**АХОР,** долина, 495

## Б

**БАГРЕМ,** 347,348,453,483

BARAWA, Божји за проучување, 504
зошто изрични, 503

**БЕГАЛЦИ,** постапување со нив, 532

BEZDELNI^EWE, грев на Содом, 156,157
зошто луѓето сакаат, 156
последици, 601

**БЕЗЗАКОНИЕ,** Бог го зауздува 123
во последно време, 88,89,102
негување, 584
последици од неказнување на, 728
судови секогаш го следат, 584,586

**БЕСМРТНИ ГРЕШНИЦИ**, нема, 60

BESMRTNOST, само во Христа, 67

BIBLIJA, Божја порака за луѓето, 504
да се учиме од неа, 504
Доказ на вистината, 238
историјата во неа, 596
како воспитна моќ, 596
како да се разбуди интерес за неа, 504
луѓето ја утврдиле верата во неа, 114
не се докажува со науката, 114
нема контрадикција во неа, 114
непристрасност, 238,717
отфрлање, 166
поткопување на довербата во неа, 166

**БИК,** симбол на египетстко божество, 316,317,323

**БИТКИ,** види: Давид, Израелците, Саул, прокламација на закани, 548

**БЛАГОДАРНОСТ,** му припаѓа на Бога, 188,289
на Израелците, 279,288,350

**БЛАГОСОСТОЈБА,** на Израелците, кога била најголема, 605
услови, 527

**БЛАГОСОСТОЈБА НА НАРОДОТ**, библиски начела, 599

**БЛИЖНИ,** должност кон нив, 424

**БОГ,** авторитет, 34,36,42,331,334,407, 603,605,621
борба да го жртвува Синот, 63
владетел на Израел, 303,305,379,605
елементите го слушаат неговиот глас, 269,287

земните сили под негова контрола, 694
Јосиф ги научил Египќаните да го почитуваат, 222
како да му се обратиме, 252
како контактира со луѓето, 405
не гледа кој е кој, 420
одбрана на неговите намери, 42,43
погрешно претставен од страна на сатаната, 38,42,54,78,338
покајание, 630,
праведност, 469
претпотопните луѓе го отфрлале постоењето на, 91
светост, 371
сеопфатна грижа, 115,644
стрплива милост, 558

**БОГАТИ,** должни на сиромасите, 535,
и сиромаси, еднаквост, 534

**БОГАТСТВА,** зошто луѓето се стремат кон, 124,156,168
опасни за душата, 746

**БОГАТСТВО,** опасно да се напластува, 169,534
правилна употреба, 534,535

**БОГОВИ,** лажни, припишани човечки особини, 91
погодени со зла, 267,272,334
претпоставена моќ, 259,263

**БОГОСЛУЖЕНИЕ,** јавно, должност да се присуствува, 451
пеење, негов дел, 594,711
помешани незнабожечки обичаи, 364
утринско и вечерно, 354

**БОЖЕСТВЕНА ПРИРОДА**, како можеме да имаме дел во неа, 330

BO@ESTVO, идолите како претстави, 96,306

**БОЖЈА КУЌА**, види: Црковна градба

**БОЖЈИ ВЕТУВАЊА**, треба да се паметат, 504

**БОЖЈИ НАМЕСНИК**, Саул, 621,629

BLAGOSLOV, во давање на десеток, 527
во пораз, 633
како го изрекува Библијата, 470
како да се стекне, 203,535

**БЛАГОСЛОВИ И ПРОКЛЕТСТВА**, 466,499–504

**БОГОХУЛЕЊЕ,** Египќанец каменуван поради, 408
закон против, 408,409

**БОЛЕСТ,** ветена слобода од неа, 291,407,429,543
како се пренесува, 306
отпорност кон неа, 291,378,543

**БРАК,** вистинска љубов во него, 176
должност по преобратувањето, 175
кога е воспоставен, 46
не е почитуван пред потопот, 92,101
сатаната го изопачил, 338
светост, 101,147
симбол на Бога и црквата, 306
со незнабошците и безбожниците, 138,174,332,563
совети потребни на младите, 175
стари обичаи за бракот, 171
пренаглен, 189

**БРАТСКА ЉУБЕЗНОСТ,** 424

BRA]A, види: Укори
укори, 420

**БРОЕЊЕ НА НАРОДОТ**, Давид казнет поради, 747,748

**БУНТ, НА НЕБОТО,** 33–43,331
види: Каин, Вавилон, фараонот, Кореј, Авесалом
извор на сите, 635
на земјата, 331,335
природа на, покажана, 78

## В

**ВАВИЛОН,** згоден назив за црквите во последно време, 124
идоли, 119
кула, 117–124
опрема, 119
повик за излез од него, 167
престојувалиште, 119
раселување по ѕидањето, 120

**ВАЈАРСТВО,** пред потопот, 91

VAL, Гедеон му го уништил олтарот, 547
Израелците го обожавале, 454–461,518,684
обожавање, 449,453

**ВАЛАК,** моавски владетел, 438

VALAKA, исто што и Сигор, 161

VALAM, ѓаволски план, 451,454
како загинал, 451,456
повикан да го проколне Израел, 438
под божествена контрола, 445,448,449
откриена иднина, 447,450
отпаднички пророк, 439,448,452
пророштво, 451
спореден со Јуда, 452

**ВАСАН,** поуки при заземањето, 433–437
**ВАТУИЛ,** татко на Ревека, 173
**ВДОВИЦИ И СИРАЧИЊА,** права, 310
**ВЕЖБИ,** телесни, 601
**ВЕЛЗЕВУЛ,** 405
**ВЕЛИКОДУШНОСТ,** 529,533
како се поттикнува, 534
**ВЕЛИЧЕЊЕ,** должност кон Бога, 289,540–542
опасно да му се укажува на човек, 717
**ВЕЛФЕГОР,** Израелците згрешиле, 454–457,684
**ВЕНИЈАМИН,** во Египет, 227–231
раѓање, 206
**ВЕРА,** види: Авел, Аврам, Гедеон
вистинска, како да се покаже, 73
да се учат учениците како да ја покажат, 594
дар од Бога, 431
доволно докази за неа, 430,432
и дела, 153,279
и закон, меѓусебен однос, 372,
неопходност, за последно време, 202
номинална, без сила, 584
пораз, поради недостиг, 513,657
проверка, во неволја, 202,203
се прима во правда, 153,370
**ВЕРНИЦИ НА ЗБОРОВИ,** недоследни, 55,497
**ВЕРНОСТ,** види: Аврам, Јосиф
на Јакова кон Лавана, 190,193
на Јосифа, 217
проверка, 222,223
**ВЕРСКИ СИСТЕМИ,** 370–373
**ВЕРУВАЊЕ,** во лага не може да спаси, 55,404,635
шпекулативно, 124
**ВЕСНИЦИ,** извештај за злосторства, 102
**ВЕТЕНА ЗЕМЈА** големина 482
**ВЕТУВАЊЕ,** дадено на:
Аврама, 125,137,482,716
Израела, 236,251,252
Исака, 171,177
Јакова, 177,178,184
петта заповед, 308
**ВЕТ САН**, 682
**ВЕТ СЕМЕС,** ковчегот вратен, 588
убиени, кои загледале во ковчегот, 589
**ВЕТИЛ,** 128,132,187,205
**ВИДЕЛО,** види: Лице
грев е да се крие, 370
одбивање, 96,269,379,405
**ВИДЕНИЕ,** Валамово, 442,447
кога е ретко, 581
**ВИНА,** како другите учествуваат во, 361,401,578
сразмерно со добиената светлина, 359,379
страв, 329
**ВИНО,** види: Надав, Зимрие, Самсон
забрането да се пие, 362,560
**ВИНОЖИТО,** ветување, 106,107
околу Божјиот престол, над Христовата глава, 107
**ВИРСАВЕЈА,** Аврам живее таму, 147,173
VISINI, места одбрани за принесување на жртви, 609
опасности, 222
**ВИСТИНА,** доследност, 114
и заблуда, сатаната ги меша, 338
**ВИСТИНИ,** битни, откриени, 55
зошто не оставаат впечаток врз луѓето, 103,269
**ВИТЛЕЕМ,** Давид е роден во, 637
Исус е роден во, 637
на Давида му е донесена вода од, 736
**ВИТСАВЕЈА,** жена на Урија, на Давида, 718,720
VLADETEL, Израелците бараат, 603–608,636,
VLAST, дадена на човекот, 44,45,50,59,67
загубена во полза на сатаната, 66
обновена во Христа, 67,69
опасност за душата, 124,534,746
**ВЛАСТИ,** битни за благосостојба на човекот, 43
како било исправено злото, 534
Луцифер се обидува да ги обори, 35,37,69,78,336,403
на Израел, теократија, 303,312,603
надмоќ на, 605,
нанесуваат зло, 605
независни од Бога, 123
организација, 374
патријархални, 141
разлика меѓу Божјите и оние на сатаната, 335,336
родителска и пасторална, 578
седумдесет старешини помагаат, 312

стабилност, како да се одржи, 534
темели, 34,49,66,31

**ВЛИЈАНИЕ,** домет, 556
последици од расипаното, 168

**ВЛИЈАНИЈА, ЧОВЕЧКИ,** живот,
рамнодушност, 92
жртви, 128,337
луѓето повикани од, 126
мудроста, лудост ако се следи, 658
обнова, 73
разум наместо Библијата, 113,124
род, потекло, 44
ум, закон, 91

**ВОДА,** знак на божествената благодат, 412
Израелците мрморат поради, 291,297
кога престанала да тече, 413
потекла од карпа, 298,411,417,424
славење, во Ханан, 412

**ВОЕНА СЛУЖБА,** ја воспоставил Давид, 747

**ВОЗДУХ,** промена на температурата по падот, 57

**ВОЗНЕСЕНИЕ,** Христови активности по, 357

**ВОЈВОДИ,** како управители во Израел, 374

**ВОЈНА,** зошто Израелците се вплеткуваат во, 629

**ВОЛЈА,** види: Слободна морална сила
Божја како е објавена, 349,351
опасно да се следи својата, 621,682
слободна волја,

**ВОСКРЕСЕНИЕ,** како е обезбедено, 478,479

**ВОСПИТУВАЊЕ,** вистинско, цел, 115,595
во Египет под управа на свештениците, 245,332,333
на Израелците го насочувал Бог, 592
на Јосифа, 217
на Мојсеја, 245,332,333
како да се постигне успех, 595
темели, 596

**ВРАЖАР,** Валам, 449

**ВРАЖАРИ,** збунети ја признаваат Божјата моќ, 266
лажни чуда, 263–265
страдаат од египетските зла, 267
фараонот бара совет од нив, 219

**ВРАЖАРКА ОД ЕНДОР,** Саул ја посетил, 676–683

**ВРАЖБИНА, ПРАСТАРА,** 684

**ВРЕМЕ НА МИЛОСТ,** види: Милост
за ангелите, 41,53
за претпотопните луѓе, 103
крај, 140,162,163
крај за содомците, 159,167
човекот ставен во, 48,53

**ВРЕМЕ НА НЕВОЛЈА,** Божја грижа, 256
кога ќе почне, 201,202
услови за сигурност тогаш, 256

**ВРСКА МЕЃУ БОГА И ЧОВЕКОТ,** посредници, 683

**ВРТЕНА ЖРТВА,** 539

VSELENA, во единство со Бога, 79
оваа Земја учебник за, 154

**ВТОРО ДОАЃАЊЕ,** вратата на милоста затворена пред, 98
време на неволја пред, 201
избавување на праведните при, 88,89
опомена, 102
потреси во природата, 109,340
слава, 339
уништување на грешните, 340,341

**ВУЛКАНИ,** причини, 108

## Г

**ГАВАОНЦИ,** станале слуги на Светилиштето, 506
сојуз со нив, 505–508
територија, 506

**ГАД,** наследство од другата страна на Јордан, 517

GAJ, заземен со Божја помош, 499,613
извидници пратени, 493
нападнат без Божје одобрение, 493

**ГАЛАД,** поука за освојување, 436

GALGAL, значење, 486
Исус Навин кај, 509
познато место, 613
Саул собрал војска, 617
Саулова дрскост, 616–626
седиштето на власта преместено од, 514
царството на Саула потврдено, 613

**ГАРИЗИМ,** гора, благослови изречени од, 500

GAT, ковчегот пренесен, 586

GATAWE, прибежиште во Моав, 438
старо и модерно, 683–689

**ГАТАЧИ,** види: Вражари
вражарка од Ендор, 676–683

**ГЕДЕОН,** вера во војската, 549–550
воен извик, 550
го избавил Израел од Мадијанците, 546–553
ја открил Божјата волја со помош на руно, 548
карактер, 553,555
одбил да стане владетел, 555

**ГЕЛВУЈА,** битка, 681

**ГЕОЛОГИЈАТА И БИБЛИЈАТА,** 112–114

**ГЕСЕМ,** Јаков со семејството се населил во, 233
Мојсеј и Арон го посетиле, 257
поштеден од злата, 266,267,269,273,279

**ГИРСОНОВИ СИНОВИ,** удел во службата на Светилиштето, 705

**ГЛАВАРИ,** образование, 593
погрешна претстава, 404
посебни искушенија, 458

**ГЛАС ХРИСТОВ,** 304,310,334,340,366,463

**ГЛУВЦИ,** зло, 586
Филистејците вратиле со ковчегот, 587

**ГОЛГОТА,** 69

**ГОЛЕМИ ЛУЃЕ,** зошто Бог не можел да ги употреби, 554

**ГОЛИЈАТ,** 645–648
меч предаден на Давида, 656

**ГОМОР,** види: Содом

**ГОРДЕЛИВОСТ,** го навела Израела да бара владетел, 604
и амбиција, преовладување, 403
како да се победи, 124
на градителите на Вавилон, 119
на Луцифера, 39,403
на Содомците, 156

**ГОСПОДОВА ВЕЧЕРА,** отворена, види: Адам

**ГОСТОЉУБИЕ,** види: Аврам, Лот
во Ерусалим, на празниците, 539
спрема странци, 138,158
средства за, 530

**ГОТОНИЛ,** избавител, 545

**ГРАД,** врз Аморејците, 508
едно од Божјите орудија, 509
зло, 269

**ГРАД,** Каин изградил прв, 81

**ГРАДИНА,** види: Едем

**ГРАДИТЕЛИ НА ВАВИЛОН,** зошто се осуетени, 123

**ГРАДИТЕЛИ НА КУЛИ,** во наше време, 123

**ГРАДНИК,** опис, 351

**ГРАДОВИ ВО ВАСАН,** 388,435

**ГРАДОВИ КАКО ПРИБЕЖИШТЕ,** за убијците, 515–517

**ГРАЃАНСКА ВЛАСТ,** види: Власт

**ГРАЃАНСКО ПРАВО НА НЕБОТО,** 447

GREV, блискост со него, 459
жртва, 354,380
злоќуден, 409,517
зошто е дозволено да трае, 33–43,336
избавување, 289
казна, 268,461,723,738
кога старешините ќе го занемарат, Бог казнува, 728
не се отстранува со крв, 357
нема изговор за, 361,421,522,738
непростлив, 326,405
осуда на, дело на Божјата милост, 78,82
потекло, 35,358
страшни последици, 57,61,325,522,750
тајни, изнесени на видело, 498

**ГРЕВОВИ,** во последно време, 101,165
кога избришани, 202,357,358
најстрашни, 323
непризнати во време на неволја, 202
одговорност за нив, 361,478
откупените нема да се сеќаваат, 202
релативна кривица за, 584

**ГРЕШНИК,** Божја љубов кон него, 33,63,74,140,183,325,728
долгиот живот не е благослов, 325,326
замена, 63,64,154,354,355
како Бог осведочува за гревот, 405
лажно сочувство, 361

**ГРЕШНИЦИ,** најмногу виновни, 580

**ГРИЖИ,** световни 294

**ГРМУШКА ШТО ГОРИ,** 251,488

## Д

**ДАБ,** Јаков ги закопал идолите под, 205,206

DAVAWE, види: Дарови
благослов, 527
отимање од Бога, 497
трајно, 188

**ДАВИД,** абдицира во полза на Соломона, 749
Авесалом се отуѓува од, 728
Авесалом станува против, 728
Адонија станува против, 749
ангели го чуваат, 653
бара совет од Бога, не од човек, 704
бега од Ерусалим, 73
бегалец, 649–697
бира меѓу три казни, 748
благосостојба на Израел под, 747
Божја намера со, 649
брак со:
Авигеја, 668
Витсавеја, 720
Михала, 652
вера, промашување, 657,672
влијанието на неговиот грев врз народот, 720
влијанието на работата врз, 737
грев, броење на Израел, 747
грев и покајание, 717–726
го носи ковчегот во Ерусалим, 707
желба да гради храм,711,712,750
зошто е казнет за гревот, 738
зошто Саул го мразел, 650
избран да го наследи Саула, 637–642
измами, 656,673,674
историјата на неговиот грев предупредува, 722,724
карактер, 641–647,651
кога е човек според Божјето срце, 723
на дворот на Саула, 643,649,650,652
надомест четирикратен, 721,727,750
научил поука за доверба, 644
незадоволен советник, 658
обука, 592,644
омилен кај народот, 651
пеење, 642,658,660,664
победа над здружените народи, 713,715
повторно повикан во Ерусалим, 746
помазан владетел над Израел, 702
пораз среде победа, 716
последен говор пред народот, 750
последен збор, песна, 754
поуки од животот, 746,754
промена по гревот, 723,729
пророштво на Ана, 572
радост по помилувањето, 725
разговор со семејството, 641,642
роден во Витлеем, 637
Саул, во власт на, 661,668,671
Саул се обидува да го убие, 651,653
се запознава со:
Бога, 642
Голијата, 645–648
Јонатана, 649,655,660,696,713
семејството бара прибежиште кај него, 657
со филистејската војска, 674,690,691
споредeн со Саула, 726
таленти, 642,723
укорен преку Натана, 720,721
царството ветено, 712

**ДАГОН,** бог на Филистејците, 477
главата на Саула во неговиот храм, 682
паднал пред Божјиот ковчег на заветот, 586

**ДАЛИДА,** ја открила тајната на силата на Самсона, 566
Самсон се вљубил во, 565

**ДАМАСК,** 172

**ДАН, ПЛЕМЕ,** 235

DAROVI за богослужението, 525–529
за Светилиштето, доброволни, 344,751,752
како стануваат безвредни, 634
крадење на Бога, 497
се бараат сразмерно со расветлувањето, 528
фалсификување, 120

**ДАРОВИ,** благослов за давателот, 218
и прилози, 525–529
на Бога, должност, 106
покажуваат благодарност, 529

**ДВОРСКИ ЖИВОТ,** Давид го проучува, 643,644

**ДЕВОРА,** придружничка на Ревека, 206

**ДЕВОРА И ВАРАК,** избавител на Израел, 545

DEGENERACIJA, на човечкиот род, 83,91,306,461

**ДЕКАЛОГ,** види: Заповеди

DELA, ја усовршуваат верата, 153,279

DELO, види: Работа
Божје, сатаната се обидува да го фалсификува, 334
треба да се ужива во, 50

**ДЕМОНИ,** обожавање, 685,686,688
принесување на жртви, 685,686

**ДЕНОВИТЕ НА СОЗДАВАЊЕТО,** буквални, 111

DESETOK, друг, употреба, 530
саботата споредена со 525

**ДЕСЕТОЦИ И ПРИЛОЗИ,** 525–529
крадење од Бога, 497

**ДЕТСТВО,** надраснување на гревот, 578

DECA, види: Воспитување
Бог ја сака службата на, 573
казнување, 578
поволни околности, 169
под контрола на родителите, 575
рано воспитување, 142,209,360,572,592
родителите да им бидат учители, 244,592
секојдневните должности школа, 574

**ДИСЦИПЛИНА,** во училиштата, 594
на Господовите работници, 248
на човечкиот род, 60

**ДОБИТОК УНИШТЕН СО ЗЛАТА,** 267,269,280

**ДОБРОВОЛНИ ДАРОВИ,** 106
за Светилиштето, 526
катастрофа кога ќе се скусат, 527

**ДОВЕРБА ВО БОГА,** на Аврама, 128
сатаната сака да ја уништи, 687

**ДОЖД,** немало пред потопот, 96,99
необичен во Египет, 269

**ДОИК,** 656,659

**ДОКАЖУВАЊЕ НА БОГА,** интереси на коцка, 621

**ДОЛГ,** да не се оптоварува Божјиот дом со, 344
седма опросна година, 532

**ДОЛЖНОСТ,** и склоностите во судир, 441

DOM, живот, љубов во него, 176
како да изберам, 49,168,169
правило, Божјиот закон темел,143
проверка на христијанството, 579

**ДОМАЌИНСТВО,** методи на обучување, 141,142
христијанско, влијание, 144

**ДОТАИМ,** Јосифовите брќа во, 210

DRAZNEWE, опасно, 595

**ДРАМА,** последица од сведочењето, 459

**ДРВЈАТА ВО ЕДЕМ,** 47

**ДРВО,** на животот, 47,50,60
сознание на доброто и злото, 48,53,55

**ДРВО,** граѓа пред потопот, 90,95

**ДРСКОСТ,** грев, 161,440,580,629,706

**ДРУГАРИ,** верност, 175
влијание, 167–169,174,204,568
лошите, како советници на младите, 595

**ДРУЖЕЊЕ,** христијанско, занемарување, 541

**ДРУШТВЕНОСТ,** поттикнување, 541

**ДРУШТВО,** екстраваганција, 101
зошто Енох се повлекол од, 85,87
меѓусебна зависност, 534,535
со грешниците, христијаните да одбегнуваат, 459
состојба пред потопот, 92

**ДУХ НА ПРОРОШТВО,** види: Пророци,

**ДУША,** вредноста на човечката, 140,143,163
како повредена, 600

## Е

**ЕВА,** дело на создавањето, 45,46
јадела од забранетиот плод, 56
казна изречена, 58
опомена против сатаната, 53,54

**ЕВАЛ,** гора од која се изречени проклетства, 500
споменик и олтар на, 500

**ЕВАНГЕЛИЕ,** како го оценуваат световните луѓе, 134
како да се издржува, 529
објавено на патријарсите, 85,154,366,370

**ЕВРЕИ,** богослужението свето место, 353
чувари на Законот, 305

**ЕВРЕИ,** види: Израелци
ѕид на разделба околу, 368
посебен карактер, променет, 603
посебен народ, 447,458
чувари на Божјиот закон, 305

**ЕВРЕЈСКИ ЛОГОР,** организација, 374

**ЕВРЕЈСКИ ПОРЕДОК,** евангелието расветлува, 368
религија, Христос во, 366

**ЕВУС,** го зазеле Израелците, 703,704

**ЕГИПЕТ,** влијание на свештениците, 332,333
зла, 265–280
Израел станал голем народ во, 232,241,334
свети животни, 265,267,333

**ЕГИПЌАНЕЦ,** Мојсеј убил, 246
се обидел да подигне шатор во логорот, 407

**ЕГИПЌАНИ,** многу, побарале прибежиште кај Израелците, 279
многу светлина пратена на, 332,369
осведочени во Божјата сила, 271,272
први почнале да мрморат во пустината, 377

се издавиле во Црвено Море, 287,288
се продале себеси на фараонот, 241

**ЕДЕМ,** Адам и Ева истерани од, 50
луѓето принесувале жртви пред вратата на, 62,83
недопрен со проклетство, 62
обновен, 62
повлечен од земјата, 62
опис, 46,47,49

**ЕДИНСТВО,** доказ за ученииштво, 520
како да се стекне, 124

**ЕДНОСТАВНОСТ,** треба да се негува 49

**ЕДОМ,** Израел патува околу, 422–432

**ЕДОМЦИ,** да не им се зема горета Сир, 423
Израелците мораат да бидат љубезни кон, 424
Исусови потомци, 423
Саул војувал против, 628

**ЕДРАИН,** битка со Ог, 435,436

**ЕКСТРАВАГАНЦИЈА,** во последно време, 101

**ЕЛАМЦИ,** Лот е избавен од, 135,157

**ЕЛЕАЗАР,** Аронов наследник, 426

**ЕЛИЕЗЕР,** Аврам сакал да го посини, 136
одбрал жена за Исака, 172

**ЕЛИЈАВ,** зошто не е одбран за владетел, 638
љубоморен на Давида, 645

**ЕЛИМ,** Израелците во, 292

**ЕЛКАНА,** татко на Самоил, 569

**ЕНАКИМИ,** ги виделе извидниците, 388
ги протерал Халев, 513,697

**ЕНДОР,** вражара од, 676
Саул го посетува, 679–683

**ЕНОС,** син на Сит, 80

**ЕНОХ,** добил посебни откровенија, 85,87
им проповедал на потомците на Каина, 86
план на спасение откриен, 85
потрага по вознесението на, 88
прв од луѓето на небо, 87
пример на праведните во последно време, 89
родоначалник на ветеното семе, 84

**ЕРИХОН,** избавувањето на Израелците задавало страв, 369
извидници пратени, 482
необична опсада, 482,487–498
опис, 453,487
проклетство, 491,492

**ЕРУСАЛИМ,** Авесалом презема власт, 738
ангел уништувач виден над, 748
ковчегот внесен во, 704,706
патници се восхитуваат, 539
Силом како опомена, 514
станува престолнина по Хеврон, 703
страдања во текот на опсадата, 467
уништување, 166,514

**ЕСЕЈ,** татко на Давида, 637

EFOD, го носеле:
Давид, 707
Самоил, 573
неовластено го носел Гедеон, 556,
опис, 351

**ЕФРЕМ,** недостиг од вера, 514
племе, Гедеон не ги повикал, 554,555

**ЕФРЕМ И МАНАСИЈА,** благослови, 234
земјата се дели со ждрепка, 513

**ЕФТАЈ,** го избавува Израел, 558

## Ж

**ЖАБИ,** зло, 265
зошто е дозволено да изгинат, 266

**ЖАЛЕЊЕ,** 82

@DREPKI, фрлање, церемонија, 494,495

@ENA, Божји план со, 59
влијание на зло, 454,457,461
создадена рамноправна со мажот, 46
зошто подредена на мажот, 58,59

**ЖЕНИ,** дело, за храмот, 344
и децата го слушале читањето на Законот, 499,503
му пееле фалба на Давида, 650

**ЖЕСТОКИ ПИЈАЛАЦИ,** алкохолни, 562

**ЖЕТВА,** на гревот, Бог не ја спречува, 268
на светот, 557,558

**ЖИВА ВОДА,** види: Карпа

**ЖИВОТ,** должина, 83,90
како е одржуван во Едем, 47
како да се претвори во благослов, 158
причина за пораз, 169
сатаната не може да даде, 264

**ЖИВОТНИ,** Адам ги запознал, 51
Адам им дал имиња, 46,51
ангелите ја бележат суровоста кон нив, 443
бунтовни по паѓањето, 59
во Едем живееле во мир, 50
ги поднесуваат последиците на

гревот, 443
како жртва, 354
храна, види: Месо

**ЖИТО,** Јосиф чува за случај на глад, 224
на небото, 297
во Ханан, 486

**ЖРТВА ЗА МИР,** план, 576

**ЖРТВИ,** Бог поважен од, 353,617
жртви паленици, 352
зошто не се принесувани во Египет, 333
како изопачени, 576,577
план, 66,576
принесени пред вратата на Едем, 84
само свештениците принесуваат, 547
Саул, 618
сатаната ги презира, 120
укинати на крстот, 365
утрински и вечерни, 352
човечки, 120,123,337

## З

**ЗАБРАНЕТ ПЛОД,** последици од јадењето на, 57,59

**ЗАВЕТ,** меѓу Бога и Аврама, 137,138,153,371,476
стариот наспроти новиот, 372
ќе биде воспоставен со Јакова, 146
услови, 138

**ЗАВЕТ,** светост, 506

**ЗАВЕТ,** зошто е направен, 371
нема Спасител во, 372
потврден со крв на жртви, 371
стар, меѓу Бога и Израел, 371
услов, послушност, 312,371,372

**ЗАВЕТ ЗАСНОВАН НА БЛАГОДАТ,** (друг, нов), 370
благослови, како се стекнуваат, 431
Божјиот закон основа, 371
вера и закон под, 372
зошто и кога е наречен нов, 371
направен во Едем, ветување за семе, 370
обновен во Сихем, 499,524
обновен со Аврама, 370,371
потврден со Христовата крв, 370,371
Спасител во, 372
услови, помилување преку Христа, 370

**ЗАВЕТИ,** два, 370

ZAVIST, на Марија, 382–386
природа, 385–651
причина за бунт на небото, 35–40,385

**ЗАГОВОР,** види: Бунт

**ЗАЕМ,** Израелците да не земаат, туку да даваат, 533

„ZAEM“, од Египќаните, 281

ZAKLETVA, светост, 506

ZAKON, даден на цел свет, 305,338
го изговорил Христос, 304,366
запишан во срцата, 372
зошто Мојсеј го повторил, 463
и завети, 363–373
и милост, однос, 349
како е објавен, 363
лажни учења за, 37,111,143
меѓусебна зависност, 535
не е изменет по човековиот пад, 363
непријателство на сатаната кон, 331–342
непроменливост, 68,80,365
последици од отфрлањето, 78
светост, 52,63,66,80,706
се почитува на небото, 349
смрт, казна за кршење на, 67,349
спореден со човечките закони, 465
судир, 69
трајност, 68,69
ќе биде одбранет, 338

**ЗАКОНИ,** церемонијални, Мојсеј; види: Мосјеееви судови
два, разлика меѓу, 365,370
Мојсеј ја препознал вредноста на, 464
природа, што значат, 114

**ЗАКОНИ ПОВТОРЕНИ,** Девтерономиум, 503

**ЗАКОНОДАВЕЦ,** поголем од Законот, 104

**ЗАЛОГ,** како луѓето се оспособуваат за, 223

**ЗАЛУТАНИ,** како да се постапува со, 140,516,520,657

**ЗАНАЕТИ,** зошто да учат учениците, 601
еврејските деца учеле, 593

**ЗАНЕМАРУВАЊЕ,** ранет, 712

**ЗАНИМАЊЕ,** на Адама и Ева, 50
на учениците, 593

**ЗАПИСИ,** види: Книги

**ЗАПОВЕДИ,** се кршат во име на религијата, 337
седма, посебни искушенија, при крајот на времето, 458
четврта, противење на сатаната, 113,336,337

**ЗАПОВЕДИ,** ги учеле Адам, Ное, Аврам, 363

далекусежни начела, 310
зошто се напишани на камени плочи, 364
изговорени на Синај, 304
казни за кршење на третата и четвртата, споредба, 409
коментари, 305–309
љубовта темел, 305
смрт, казна за кршење, 409

**ЗБОРОВИ,** дејствуваат, 556
обврзуваат, 506

**ЗБОРУВА,** непромислено, 420

**ЗДРАВЈЕ,** Божја грижа за, 375
жртвувано заради уживање, 182
на Евреите, 545
потреба од проучување на законите за, 601
религијата позитивно влијае врз, 600

**ЗЕЛЈЕ,** за Пасха, значење, 278

**ЗЕМЈА,** Бог е сопственик, 534
нова, Божјата намера исполнета, 342
површината изменета за време на потопот, 107,108
пред потопот, 90,96,97
проклетство на, 90,107
убавина, при создавањето, 44,90
уништување со оган се сметало неможно, 103

**ЗЕМЈА, ПОЧВА,** проклетство, 59

**ЗЕМЈОТРЕСИ,** ќе се појават на многу места, 109,110
причина, 108

**ЗЕМНИ БЛАГОСЛОВИ,** зошто нееднакво поделени, 535

**ЗИМРИЕ,** Финес го убил, 455

**ЗЛА,** Израелците удрени, 337,382,391,402

**ЗЛА ВО ЕГИПЕТ,** 257–280
Божја милост кон Египќаните во тоа време, 333
одговорност за, природни причини, 265,283
свештениците погодени со, 267
слава, 369,586

**ЗЛИ ГЛАСОВИ,** 385,663

**ЗЛИ СИЛИ,** Бог постојано им се противставува, 694
духови, види: Гатање
кога Бог ќе им дозволи да дејствуваат, 728
претчувствува, 293

**ЗЛОСТОРСТВО,** зашто нема казна, 325,326,728
последица од читање, 459
природата казнета поради, 461
ќе се зголеми, 67

**ЗМИЈА,** бронзова, симбол на Христа, 43
јадела од дрвото на сознанието, 55
медиум на сатаната, 53
нејзината убавина пред човековиот пад, 53
проклетство, 58

**ЗМИИ,** ги нападнале Израелците, 429

**ЗНАЕЊЕ,** види: Образование, Научници


## Ѕ


**ЅВЕРОВИ,** види: Животни
во Едем, 50
Ное уплашен од, 107
прворородени, убивани, 273
секој ден зависат од Бога, 115
страв од човекот, 107


## И


**ИДНИНА,** Бог ја открива, 686
луѓето се обидуваат да ја дознаат, 687
потпрете се врз Бога, 292,293
сатаната лаже дека ја открива, 686

**ИДОЛИ,** во Вавилонската кула, 119
како ги правиме, 305
како претстави на божеството, 96,316

**ИДОЛОПОКЛОНСТВО,** аморејско, нивна пропаст, 434
во домот на Јакова, 205,500
во мешано мноштво, 408
во семејството на Исмаел, 174
Гаваонците ветиле да отфрлат, 506
Израелците излекувани, 487,711
казни, 325
модерните учења исто што и, 143
Мојсеј зборувал за гревот на, 244
на жените на Исава, 179
на Израелците, 259,363,577
опомена против, 369,543
понижувачки последици, 91,214,268
последица од кршењето на саботата, 336
спиритизмот камен темелник на, 684
суровост, 337

**ИДОЛСКИ КОРИИ,** 91

**ИЗБОР,** доктрина, 72,73,207,208
слобода, види: Слободно морално суштество

**ИЗВЕШТАИ НА НЕБОТО,** види: Книги со извештај на небото

IZVIDNICI, пратени во Ханан, 387–391,436,512

**ИЗВОР ВО САМАРИЈА,** кога е ископан, 204

**ИЗГРАДБА НА КАРАКТЕРОТ,** Аврам го покажал, 368
благороден, како се обликува, 129,222,223,601
Божји, изразен со Декалогот, 52
влијанието на:
домот, врз, 169
исхраната врз, 562
еден единствен грев врз, 452
вредноста на чесниот, 223
како се открива, 134
на човекот при создавањето, 49
најголема работа во животот, 596
неволјите неопходни за развој на, 49
не се менува лесно, 269
сатаната дејствува преку слабостите, 421,457,568
сатаната погрешно го претставува, 54,338
се проверува со ситници, 158,222,549
се развива во тешки околности, 535

**ИЗЛЕГУВАЊЕ,** на Израелците, 281–290

**ИЗМАМА,** 309

**ИЗМАМА,** Бог се обидува да нѐ спаси од, 55
на сатаната, 37,41,53,55,338
силата на, 404,405
фатална, 360

**ИЗМАМА,** последица од одбивањето на светлината, 96

**ИЗНАОЃАЊЕ НА МАНИ,** види: Критикување

**ИЗОПАЧЕНОСТ,** причина, 143

**ИЗРАЕЛ,** вистински, кој е, 447
името на Јакова променето во, 198

**ИЗРАЕЛЦИ,** битка:
кај Гај, 493,499
кај Ерихон, 487
меѓу Давида и Авесалома, 743
битки со:
Амалиците, 298,456,550,628
Амонците, 558,612,613,628,715
Аморејците, 433,508
Арада, 428
Едомците, 628,
Енакимите, 513,
Мадијанците, 456,550
Моавците 628,713
Ог, 435
палестинските владетели, 51
Сирците, 715,718
Филистејците, 564,567,583,618, 623,628,
629,648,657,681,704,713
благослови, бараат во пустината, 414
благосостојба во Египет, 232,241,332
Бог одбива да ги избави, 557
Бог се заканува дека ќе им го одземе наследството, 318,390
Божја намера со, 292,314,447,554
болест, 14.000 убиени, 402,403
бунт, фараонот се сомнева во, 242,247,258
верата проверена пред да влезат во Ханан, 414
влијанието на Мојсеевиот грев врз, 417
водени со столб од облак, 282,481
евангелието преку нив, 476
Египет, излегување од, 281–290
една причина, 410
епидемија, 455,748
заборавност, 293
заштита во пустината, 291,407,429,543
змии, 429
зошто е дозволено да одат во Египет, 333
зошто е дозволено да станат робови, 260,364
зошто не се избавени веднаш, 260
зошто Хананците престанале да се плашат од нив, 394
идолопоклонство на Синај, 315–330
избавување, познато на народите, 319
историја, Мојсеј ја повторува, 463
казнети, но не отфрлени, 406,585
казни, за отпад на Синај, болест поради јадење
на месо, 382
како е отежнато освојувањето, 436,437
како се наведени да ја сфатат потребата од Спасител, 371,372
како црква и како народ вклучени, 303
Кореј, Датан и Авирон, 400
лепра, Марија, 385,396
мешани бракови со Хананците, 544
мнозина неподготвени да го напуштат Египет, 260
Мојсеј покажува знаци пред, 257
Мојсеј се моли за, 318,326,379,390
мрморења, 284,291,292,297,315,377, 388,392,402,414,428
Надав и Авијуд, 359
обвинет Бог за несреќите, 389,428

обука во пустината, 378
оган Господен, 379
организација, 374
ослободени од идолопоклонство, 711
осуда на 40 години лутање, 391
отпад на Јордан, 453–461
отфрлање, 327,485
патувања – посетени места:
Аморејци, земја, 433
Асирот, 382
Васан, 435
Галгал, 486,505
долина Ситим, 453
Едом, 422
Едраин, 435
Елим, 292
Етам, 282
Јордан, река, 483
Кадис, 387,413
Мара, 291
Моав, 433
планина Ор, 424
пустина, 406–410
пустина Син, 292
Рафидин, 297
Синај или Хорив, 301,376
Сокот, 282
Тавера, 379
Црвено Море, 283
покајание, неискрено, 391,401,410,557
пораз во војна, 394
посебен народ, 232,242,369,447,603
потпирање врз Мојсеја за вера, 315
поуки од, 461,469
присилени да ја кршат саботата, 258,336
расеани од Ханан, 689
слабост, непозната меѓу нив, 429
состојба, во текот на изгнанството на Мојсеја, 333
спалени 250 кнезови, 401
ќе им позајмуваат на многу народи, 533
убиени 3.000, 324,327
угнетувачи, 281,545,557,558

**ИЗРЕКИ НА РИМ И ГРЦИЈА,** природа, 684

**ИЛИЈА (пророк)**, го барале по вознесението, 88

**ИЛИЈА (свештеник)**, добил време да се покае, 582
ја укорил Ана, 570
на Самоил објавен укор за, 581
неговото влијание врз Израел, 575,579,582
одговорност, 578,582
пријателство кон Самоил, 573
Самоил претставен, 571
свештеник и судија, 575
смрт, 585
укорен преку пророк, 577
укори познати на народот, 582

**ИЛИЈА** (свештеник), неговите синови, 571–585

IMOT, љубов кон, 534
право, непочитувано пред потопот, 92
употреба, 529

**ИМОТИ,** како се продадени и вратени, 534

ISAV, брак, 179
дадена му е гората Сир, 207,423
Израелците морале да собираат резерва, 414
Јаков пратил поздрави, 195,196
карактер, 177
копнеел за чест и богатство, 180,207
лут поради загуба на благословот, 181
правото на првенство презрено, 178,179
срце трогнато со Божјата добрина, 198

**ИСАК,** брак, 171–176
евангелието објавено, 366
завршни години, 207
Јаков го измамил, 179–181
како жртва паленица, 147–155
раѓање, 146
расположение, 171
спореден со младите на нашето време, 175

**ИСВОСТЕЈ,** карактер, 698
прогласен за владетел на Израел, 698
соборен со предавство, 699,701

**ИСКЛУЧИВОСТ,** не е по Божја волја, 85,368,369

ISKRENOST, не може да спаси, 278

ISKU[ENIE, да се изгради заштита од, 50
должност да се одбегнува, 459,460
изложен на, 49,59
како се повикува, 204,747
намерно изложување на, 568
нема изговор за гревот, 421
опасност од паѓање во, 53,268,632
успех на сатаната, 55

**ИСМАЕЛ,** Божје ветување, 146
потомци, 174

**ИСМАЕЛЦИ,** Јосиф продаден, 211,212

ISOP, симбол на чистење, 277

**ИСТОРИЈА,** Библијата непристрасна, 238

зошто се смета за пристрасна, 113
на Божјиот народ, покажана на Мојсеја, 175
на Израел, повторувана, 463–522,614
на Јакова, ветување за прошка, 202
на светот, откриена на Адама, 67
светата, предавана во пророчките школи, 593
човечката, пристрасна, 238

**ИСУС,** види: Христос
алфа и омега на откупот, 367
роден во Витлеем, 637

**ИСУС НАВИН,** бара наследство, 515
благосостојба на Израел, 603
верен извидник, 389
го собира Израел на последен совет, 521
карактер, 481
на планината со Мојсеја, 313
наследник на Мојсеја, 462,470,481,485
повлекување во Тамнат Сара, 521
сонцето застанало, 508

**ИСХРАНА,** за Израелците во Египет, 378
најдобра за човекот, 378
последици, 562

**ИТАЈ,** верен на Бога и на Давида, 731
заповеда на личната стража на Давида, 731
заповедник на одред војска, 742
преобратеник од незнабоштво, 732

**ИХАВОД,** син на Финеса, 585

## J

**ЈАВИН,** води сојуз против Израелците, 510

JAVIS **ГАЛАДСКИ,** загрозен, 612
избавен, Саул, 613

**ЈАВИШАНИ,** ги зеле телата на Саула и на неговите синови, 682,697

**ЈАВОК,** Јаков на, 196,208

JAGLEN, наслаги, потекло, 108

JAGNE, симбол на Христа, 68,277,278

JADEWE, види: Апетит

JAZIK, збркан во Вавилон, 116,123
кога Бог зборува со нашиот, 106
пред потопот, 120

**ЈАКОВ,** благосостојба, 192
видение со скала, 183,184
во придружба на ангели, 195
евангелието објавено, 366
има Аврамова вера, 208
историја, 177–237
насетување, 195
ноќ на борба, 197–203
пророчко видение, 235

**ЈАКОВ И ИСАВ,** карактер преткажан, 177
се состануваат крај претсмртната постела на татко им Исак, 207

**ЈАКОВ,** неговите синови, карактер, 208,211,225,230,232

**ЈАРЕЦ ЗА АЗАЗЕЛА,** за сатаната, 358
обреди поврзни со, 355

**ЈАРЕЦ,** употребен при обредот на Денот на помирување, 355

**ЈАС СУМ,** 253,264,366

JAFET, да дели благослови на евангелието, 118

JAHVE, види: Бог
идентификуван, 305
отфрлен како владетел на Израел, 605

**ЈАХВЕ - ЈИРЕ,** значење, 153

**ЈОАВ,** во заговор против Соломона, 749
го убил Авесалома, 744
гревови во послушноста на Давида, 719
заповедник на војската на Давида, 742
планира да го врати Авесалома во Ерусалим, 728
протестира против пописот, 747
судир со Авенира, 699
убиен поради бунт, 749

**ЈОВ,** поуки во неволји, 129

**ЈОВАВ,** 628

**ЈОВАН,** видение за Вавилон, 167
видение за небесното Светилиште, 356
ја слушнал песната на Мојсеја, 289
поуки во изгнанство, 129

**ЈОНАТАН, И ДАВИД,** 649,652–655,660,696
осуден поради тоа што вкусил мед, 624
победа во војна, 616,623
Саул се обидува да го убие, 655
синот, пријател на Давида, 713
смртта, јавена на Давида, 695

**ЈОРДАН,** долина на убавина, 133,156
отпад кај, 453–461
чудесен премин, 484,613

**ЈОСИФ И НЕГОВИТЕ БРАЌА,** 224–240
видело на Египќаните, 332,368
во затвор, 218
врши подготовки за период на глад, 224
го толкува сонот на фараонот, 220
искушение, 217
исполнети, 224,228

ја разобличува злобата на своите браќа, 209
Јаков немудро покажува љубов кон него, 209,213
карактер, 209,213,222,332
образование, 217
план на сатаната со продавањето, 332
прв до фараонот, 221
првенство – двоен дел, 234
пресвртница во животот, 214
продаден како роб, 211,214
синови, 209,210
смрт и погреб, 240,282,499

**ЈОТОР,** Божји следбеник, 247
го посетува Мојсеја кај Синај, 300
Мојсеј со него, во Мадијан, 247
му дава совет на Мојсеја, 301,384

**ЈУДА,** благослови од првенството, 236
месијанско ветување, 235
речита молба за Венијамина, 230

**ЈУДА И ИЗРАЕЛ,** меѓусебна војна, 699
племето на Давида, Давид владетел, 697

## К

**КАДЕС - ВАРНА,** бунт, 388,406
водата престанала пред да пристигнат до, 413
единаесет дена до Синај, 376,387
последни преживеани, убиени, 456
потсетување, 436

**КАЗНА,** необично дело за Бога, 628
одложена во милоста, 628
опасност од занемарување, 728
причини, 310

**КАЗНИ,** зошто доаѓаат, 407,575

KAZNI, види: Покајание
вистинско значење дава Евангелието, 368
ги повторил Исус Навин кај Сихем, 500
зошто одложени, 123
зошто се неопходни, 310,311,364,367,466
како да се избавиме од, 310,364,367
како да се избегнат, 97,722
кога применети, 165
кога укинати, 365
Мојсееви, додаток кон Декалогот, 310,364
опомени секогаш пратени, 166
прописите покриени, 310,311

**КАЗНУВАЊЕ,** на:
Давида, 720,721,748
Израелците, 545
Јакова, плодови, 237,238

**КАИН,** Бог се препира со, 74
Божја намера кога му го поштедил животот, 78,325
влијание по 1500 години, 78,325
го остава домот, основа град, 81
жртвата, зошто одбиена, 71,73
карактер, 71,73
потомците сами бираат ден за одмор, 81
проклетство, 77

**КАИН И АВЕЛ,** искушани, 71–79
претставуваат две класи, 72

**КАКОЛ,** собирање, спалување, 541

**КАМАТА И ДОБИВКА,** од сиромасите забранети, 311,532

**КАРПА,** удрена, 411–421

**КАРТИ,** играње, влијание, 460

**КАСТИ,** види: Исклучивост

**КАТ, ПЛЕМЕ,** го носат намештајот на Светилиштето, 705

**КВАСЕЦ НА ГРЕВОТ,** да биде отфрлен, 278

**КЕДАР,** симбол на владетелот, 450

**КЕНЕЗЕИ,** зошто поштедени, 628

**КИНВАЛИ,** 538

**КИРИЈАТ-АРВА,** види: Хеврон

**КИРИЈАТ-ЈАРИМ,** ковчегот
поздравен, 589
отстранет од, 704
пророчки школи, 593

**КЛИМА,** 61,96,97

**КНЕЗОВИ,** старешини на израелските племиња, 374

**КНИГА,** говорот на Самоил забележан во, 611
заветната, ставена покрај ковчегот, 466
заветот на Синај забележан во, 312

**КНИГА НА ЖИВОТОТ,** Мојсеј барал да биде
избришан од 326
чии имиња се запишани во 326

**КНИГИ,** ги нема пред потопот, 83

**КНИГИ СО ИЗВЕШТАЈ НА НЕБОТО,** 203
извештаи запишани во 165
кога гревовите ќе бидат избришани од, 358
на мртвите ќе им се суди според, 357

**КОВЧЕГ,** Јосиф балсамиран и ставен во, 240
**КОВЧЕГ НА СВЕДОШТВОТО,** Азот, Гат, Акарон, 586
ангелите секогаш крај него, 589
Вет–Семес, 588
во куќата на Авинадава, 589
Галгал, 510,514
Евал и Гаризим, 500
Ерихон, 488
Ерусалим, 704,706
Израелците го обожавале, 590
Јордан, 483,484
Киријат–Јарим, 589,591
кога не е одбрана, 584
куќата на Овид Едом, 705
место при патувањето, 375
на отворено поле, 586,589
непочитување во Вет–Семес, 589
однесен на Давида и пратен назад, 732
опис, 348
отстранување, духовен благослов,711
плочите на законот во, 348,349,500,503
само свештениците смееле да го допрат, 705
Саул го донел во логорот, 622
Силом, 514
Синај, 349
Сихем, 523
Филистејците го заробиле, 583–588
**КОВЧЕГ НА СВЕДОШТВОТО НА НЕБО,** 356
**КОВЧЕГ ОД ТРСКА,** Мојсеј во, 243
**КОВЧЕГОТ НА НОЕ,** 92
**КОЖА,** облека за Адама и Ева, 61
**КОЛИБИ,** во текот на празникот Сеници, 540
**КОМПРОМИС ЗА НАЧЕЛАТА,** види: Јосиф
**КОРЕЈ,** амбиции, 395
бунт, 395–405,407,635
се прелагал самиот себеси, 397
спореден со Луцифера, 403
**КОРИИ,** идолски 91
обожавање на идоли, 91
**КРАВИ,** го влечеле ковчегот, 588
**КРАЖБА НА ЧОВЕК ЗАБРАНЕТА,** 309
**КРАЈНОСТИ,** мора да се одбегнуваат, 519
**КРВ,** во службите во Светилиштето, 354–356
заслуги, 277
значење на принесувањето, 356
на довратниците, 274
на Израелците забранета како храна, 624
нема помирување без, 71
Христова, 357
**КРИТИКУВАЊЕ,** види: Неверност
**КРОТКИ,** зошто Бог може да ги води, 384
KROTOST, Mojcej, 384,396
KRUNISUVAWE, на:
Давида, 697
Саула, 611
Соломона, 749
**КРШЕЊЕ НА САБОТАТА,** казна, 409,410
**КУКАВИЧЛУК,** не е последица на праведноста, 135
**КУЛТУРА,** вистинска, 595

## Л

**ЛАВ,** симбол на племето на Јуда, 236
убил Самсон, 564
**ЛАВАН,** благосостојба, под Јакова, 192,193
брат на Ревека, 173
го мами Јакова, 190
го поздравува Јакова, 188
карактер, 189,193
мир со Јакова, 194
потера по Јакова, 193
**ЛАГА,** види: Верување
како луѓето веруваат, 404
од што се состои, 130,309
**ЛАГА,** на:
Аврама, 130
извидниците, 389
Јакова, 180
Каина, 77
сатаната, 54,56,685
Саула, 630
**ЛАГИ,** најопасни, 388
**ЛАЖНИ ДУХОВИ,** види: Вражање
весници на сатаната, 685
**ЛАЖНИ СВЕДОЦИ,** што е, 309
**ЛАМЕХ,** прв многуженец, 81
**ЛАСКАЊЕ,** Давид паднал на, 717
на Израел, Кореј, 397,401
намера на сатаната со, 688
сатаната се служи, 37,40,42
**ЛЕБ НА ЖИВОТОТ,** Исус, 297
пресен, 278

**ЛЕБОВИ ПОСТАВЕНИ,** Давид јаде, во Нов, 656
зошто се викаат така, 354
како жртва, 348,354

**ЛЕВИЕ,** вина, продажбата на Јосифа, 235
суровост кон Сихемците, 235

**ЛЕВИТИ,** верни на Бога при отпадот, 324
доверена грижа за Светилиштето, 375
доделени 48 градови, 236,511
доделено свештенство, 235,350
издржување со десеток, 526,530
химна, 115,406

**ЛЕПРА,** Марија погодена со, 385

**ЛИВАН,** кедри, 450,472

**ЛИЦЕ,** божествена слава на, 87,329,330,340,363

**ЛИЦЕ,** види: Слава

**ЛИЦЕМЕРСТВО,** на сатаната, 41
навредливо за Бога, 523,584

**ЛОГОР НА ИЗРАЕЛЦИТЕ,** организација, 374,447

LOJALNOST, на Авела, 71
на ангелите, 36,37

**ЛОТ,** Аврам го избавил од Еламците, 135
бега од Содом, 156–170
бира дом во содомската долина, 133
го придружува Аврама во Ханан, 127
живее во пештера, 167
потомство, карактер, 168
потомството, да не биде истерано 433

**ЛОТ,** влијание, 174
неговата жена, казна, 161

**ЛОШИ СОМНИЧЕЊА,** 309

**ЛУКСУЗ,** во Содом, 156

**ЛУТРИИ,** 529

**ЛУЦИФЕР,** види: Сатана
барал еднаквост со Христа, 35,37,40
Божја милост, 39
гревот зачнат во него, 35
зошто не е веднаш уништен, 42
измамна сила, 37,40–42,55,331
поука во бунтот, 42
проверката завршена, 41
состојба, 35,37,41
убеден, во погрешност, 39

## Љ

**ЉУБЕЗНОСТ,** 134
рефлексно постапување, 218

**ЉУБОВ,** бара казна за гревот, 325
вистинска, што е, 176
Енох се трудел да покаже, 84
залог, 48
заснована на Божјиот закон, 33,305
покажана при создавањето, 33
Христос дар, 63

**ЉУБОМОРА,** во домот на Аврама, 145
меѓу Рахела и Лија, 190
на:
Кореја, 395
Луцифера, 36,37
свештениците и поглаварите, 239
синовите на Јосифа, 209
синовите на Лавана, 192
Саула, 650
околу изборот на Саула, 611

**ЉУБОПИТСТВО,** на Ева, 54
на луѓето во Вет–Семес, 589
сатаната поттикнува кај беззакониците, 55

## М

**МАДИЈАН,** Мојсеј бега во, 247

MADIJANCI, Израел им се одмаздил, 456,492
однос, спрема Моавците, 438
засекогаш скршена, 550,553
уништување, источно од Јордан, 545,546

**МАЈКА,** големи можности, 244,572
на Самоил, 569–572
на Самсона, 560–562

**МАКПЕЛА,** 169,234,237,697

MAMRIJA, види: Хеврон

MANA, престанала кога го преминале Јордан, 486,613
саботата потврдена, 296
симбол на Христа, 297
трикратно чудо при давањето, 296
храна за Израел, 295–297

**МАНАСИЈА,** благослови, 234
наследство од другата страна на Јордан, 517

**МАНИ,** зошто Библијата ги бележи, 238

MANOE, дом, верен на Бога, 560

MARA, горка вода, 291

MARIJA, Божја казна, 385,396
го пази Мојсеја во ковчежето, 243
карактер, 382
љубоморна на Сефора, 382–384

поетеса, музичарка, пророчица, 188,382
смрт, 410

**МАСА И МЕРИВА,** спомен, 298

**МАСКАРАДА,** последици од сведочењето, 460

**МАСЛИНСКА ГОРА,** Давид одел плачејќи, 735

**МАТЕРИЈА,** теорија за виталните особини, 114

**МАТУСАЛ,** верен на Бога, 92
помагал при градењето на ковчегот на Ное, 92

**МАХАНАИМ,** 195,742
Исвостеј крунисан во, 698

**МАЧЕНИЦИ,** 77

**МЕДИТАЦИЈА,** Енох се посветил, 85

**МЕЃУСЕБНА ЗАВИСНОСТ - ЗАКОН,** 535

**МЕЛХИСЕДЕК,** Аврам му дава десеток, 136,157,525
донел освежување за војската, 136

**МЕРАРИЕ,** синови, дел на службата во Светилиштето, 162

**МЕРКА НА БЕЗЗАКОНИЕТО,** види: Милост

**МЕСЕЦ,** Астарота, богиња, 487
Египќаните го обожавале, 272

**МЕСИЈА,** види: Христос

**МЕСО,** види: Храна

**МЕСО,** дозвола за јадење, 107
еден месец, 382
значење на јадењето, Пасха, 277
како храна, 92,377,378
обезбедено за Израел, еден ден, 378

**МЕСОПОТАМИЈА,** Аврам ја напуштил, 127
Исак наоѓа жена, 172
Јаков заминува во, 188,194

**МЕФИВОСТЕЈ,** како станал куц, 713
љубезноста на Давида, 713

**МЕШОВИТО МНОШТВО,** водачи на отпад, 315,316,408
кој го сочинувал, 281
не логорувало со племињата, 375,407

**МИЈАЛНИК,** опис, 347

**МИЛЕНИУМ,** преткажан, 103

**МИЛЕНИЦИ,** 142,209

**МИЛОСРДИЕ,** види: Сиромаси
занемарено во црквата, 497
средства за, 530

**МИЛОСТ,** божествена, повици, 162
ветена во втората заповед, 306
ограничување, 98,118,139,158,162,390
последен извор, 405
сатаната погрешно ја толкува, 39

**МИЛОСТИНА,** види: Сиромаси

**МИР И СИГУРНОСТ,** извик, 167

**МИРАЗ,** прастар обичај за 188,189

**МИСЛИ,** Бог ги разбира, 141
контрола, 214
чистота, 308,460

**МИСПА,** 194
Самоил прогласен за судија, 590
собор, 611

**МИТО,** кој го нуди, 604,659

**МИТО ВО ПОСЛЕДНО ВРЕМЕ,** 102

**МИТРА,** опис, 351

**МИХАЛА,** го укорва Давида што играл, 708
жена на Давида, 652
му помогнала на Давида да побегне од Саула, 653
укорена 711

**МИХМАС,** филстејска војска, 619

**МЛАДИ,** бунт против авторитетот, 169
влијание на модата, 572
должност на родителите, 142,176
исправни стремежи, 602
можат да бидат како Самоил, 574
секогаш во Божје присуство, 217
силата на лошите навики стекнати рано во младоста, 622
цврстина на карактерот, како да се развие, 222

**МНОЗИНСТВО,** не е на страна на доброто, 96

**МОАВЦИ,** Давид ги натерал да плаќаат данок, 713
Давид има предци меѓу нив, 658
не смееле да бидат протерани, 433
потомци на Лот, 168,433

**МОЈСЕЈ,** видлив водач на Израел, 374,377
влијанието на Египет отстрането, 251
да биде Христов придружник, 476
Евреите го почитуваат, 464,470,481
еден грев, 417,418,472,478,479
задача, кон Израел, 465
зошто исклучен од Ханан, 479
историја, 241–480
како Бог разговарал со него, 385,396
карактер, 255,272,297,384,481

местото на закоп, зошто скриено, 478
мисија, 252
на дворот, 245
на планината со Бога трипати, 311,313,328
не смеел да ја носи вината на Израел, 326
обвинување против, 258, 297,303,377,388,397,398,414,470
обука, при неговата мајка, 243
осуда против, 419,462,479
откриен план на спасение, 330,366
под Божја контрола во Мадијам, 247,248
спрема Исуса Навина, 463,470
прв добил живот од Христа, 478
претставник на Христа, 330,426
при преобразувањето, 479
пророчко видение, 471–477
се моли за Израел, 318,326,390,402
се приготвил да влезе во Ханан, 454
смрт и воскресение, 477,479

**МОЈСЕЈ И АРОН,** Божја намера со, 426
потсетување на искуствата, 425
споредени, 323

**МОЛИТВА,** дишење на душата, 85
занемарување, 143,459
кога е најпотребна, 86,460
кога е хула, 584
одговор, зошто одложен, 202
применувана во светите школи, 594
силата на истрајната, 203

**МОЛИТВИ,** треба да бидат упатени на Христа, 353,411

**МОНАРСИ,** прикривани злосторства, 717

**МОНОПОЛ,** види: Богатство,

**МОРАЛ,** погазен, наследство, 306

**МОРАЛЕН ЗАКОН,** важи само за човекот, 49,52

**МОРАЛНА ЧУВСТВИТЕЛНОСТ,** како се умртвува 182,362,496

**МОРЕШКА РАМНИНА,** Аврам логорува, 127

MORIJA, Исак жртвуван, 152,153,749

MRMOREWE, во Едем, 58
зошто е запишано, 344
на:
градителите на Вавилон, 120
Израел, види: Израел
Каина, 71
Мојсеја, 380

**МУВИ,** зло, 266

MUDROST, Божја, 36,42,43,116
предавана во старите школи, 596
човечка, глупост да се следи, 658

**МУЗИКА,** деградирана за сатанска употреба, 594
предавана во пророчките школи, 594
света, издигнува, 642,644
цел, 594

**МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ,** 705,707


## Н


**НАВАЛ,** ја одбива молбата на Давида за храна, 665
луѓето на Давида го штитат, 664
потомок на Халева, 664
смрт, 668

**НАВИКА,** опасност од попуштање на лошите, 452

NAVIKI, да бидат насочени, 561
моќта на раните, 622

**НАВРЕДА,** најголема, му правиме на Бога, 402

**НАГОН,** опасност од препуштање на, 182,622,650

**НАДАВ И АВИЈУД,** неумереност, 359–362
рано воспитување, 360

**НАДЕЖ,** дадена на Адама пред осудата, 65
за сиромасите и напатените, 534

**НАЕМНИЦИ,** 324

**НАЗАРЕЌАНЕЦ,** 560,562

**НАЈМУВАЊЕ,** на работници, 532

**НАКИТ,** даден за златно теле, 317,
даден за Светилиштето, 344
позајмен од Египќаните, 253

**НАМЕРИ,** Божји, постепено откривање, 368,373
не смеат да се осуетат, 338

**НАРОДИ,** Бог води сметка, 165
дрски затоа што гледаат грев во Израел, 582

**НАС,** владетел на Амонците, 612,714

**НАСЛЕДСТВО,** деца, 306
на Аврама, 170

**НАСЛЕДСТВО,** на Божјиот народ, 169

**НАСЛЕДУВАЊЕ,** 306,561

**НАТАН,** верен на Давида, 749
порака за Давида, 711
укор на Давида поради смртта на Урија, 720,721

**НАТАНАЕЛ,** 184

**НАУКА,** Адам запознат со, 51

**НАУКА,** лажна, заклучоци, 103,114
помош да го разбереме Бога, 116,599
поплава на виделото на, 113
правилна употреба, 115
секоја вистинска, сообразно со Библијата, 115

**НАУЧНИЦИ,** стари и модерни, 83

**НАХОР,** брат на Аврама, 127

**НАЧЕЛО,** според кое се живее, 214,217

**НЕБО,** види: Фазга

**НЕБО,** ги чека нашите молитви, 554
радост на, поради планот на спасението, 65
ред на, 376
слава на, 289
тага на, поради падот на човекот, 63

**НЕВЕРНИЦИ,** ја признаваат Божјата сила, 109
казната на Давида ја укинува причината за, 738

**НЕВЕРСТВО,** во црквата, 166
деца, како да се приготват за борба, 143
една причина, 113
најопасен облик на, 111

**НЕВЕРУВАЊЕ,** ја проникнува атмосферата, 169
последици, 294,388,389

**НЕВОЛЈИ,** зошто се дозволени, 129
погрешно протолкувани, 672

**НЕГОДУВАЊЕ,** праведно, 323

**НЕДОВЕРБА,** во Бога, 130,294,417,656
во човечка сила, 717

**НЕДОСТИГ,** причина, 536

**НЕЗАВИСНОСТ ОД БОГА**, 123,605,622,634

**НЕЗНАБОШТВО,** Израелците расипани со, 363

**НЕЗНАБОШЦИ,** Божја милост, 434
бракови со, 138
влијание, дружење со, 141
Израелците бавно ги истеруваат, 521
како можат да станат Израелци, 507
некромантија меѓу, 684
обичаи, 587
се плашат од Евреите, 319

**НЕКРОМАНТИЈА,** 676,684

**НЕМИ ЖИВОТНИ,** види: Животни

**НЕПОКАЈАНИ,** страв, 140

**НЕПРИЈАТЕЛИ,** на Израел, победа, 486
одбрана од, 325

**НЕПРИЈАТЕЛСТВО,** меѓу Христа и сатаната, 58,65,77
меѓу човекот и сатаната, 58,65,77
на сатаната против Божјиот закон, 331–342

**НЕПРИСТРАСНОСТ,** Божја, 420

**НЕРЕШИТЕЛНОСТ,** 384

**НЕСЛОГА,** последица на гревот, 39,42,58,522

**НЕСРЕЌИ,** на другите, се користат, 309

**НЕУМЕРЕНОСТ,** последици, 101,361,378

**НИЛ,** Египќаните го обожавале, 265
претворен во крв, 265

**НИНЕВЈАНИТЕ,** споредени со претпотопните луѓе, 97

**НОВ,** Светилиште, 656
свештеници убиени, 659

**НОВА ЗЕМЈА,** видение, 447,477

**НОЕ,** верност, 92,95,96
евангелието објавено, 366
опомена од потопот, 92–97
синови, разлика меѓу, 117

**НОСИТЕЛИ НА ВИДЕЛО,** 34,134,144,217,528


## О


**ОБВИНУВАЊА,** лажни, како да им се противставиме, 520

**ОБЕСХРАБРУВАЊЕ,** 432

**ОБИЧНО И СВЕТО,** 359,360,362

OBLAK, види: Столб од оган

OBLEKA, горделивост во, 558
на свештениците во Светилиштето, 350,351

**ОБЛЕКА,** на Адама и Ева, 45,57,61
на Евреите сочувана, 407,429
чиста во Божје присуство, 304

**ОБЛЕКА,** направена за Јосифа, 209
синовите му ја покажале на Јакова, 212

**ОВОШЈЕ,** во Едем, 47

**ОБРЕДЕН ЗАКОН,** види: Церемонијален закон

OBREZANIE, занемарено,
предизвикало ропство во Египет, 363
зошто е неопходно, 364
не е дозволено во пустината, 406
обновено, 485,613
обред, 138,363

**ОВЕН,** принесен наместо Исака, 153

**ОВИД-ЕДОМ,** ковчегот оставен во куќата на, 705,706

**ОГ,** владетел на Васан, 435,483

**ОГАН,** на последните денови, последици, 110

**ОДВРАТНОСТ КОН ГРЕВОТ,** како да се стекне, 601

**ОДГОВОРНОСТИ,** држење,712,713

**ОДДАВАЊЕ НА СЛАВА НА БОГА,** злоупотребено, 421

**ОДНЕСУВАЊЕ,** под влијание на семејното воспитување, 579

ODR@UVAWE **НА СИЛАТА,** 460

**ОЗБОРУВАЊЕ,** грев, 309,311

**ОКОВИ ВО ЕГИПЕТ,** ослободување од, 281,406
причини, 363

**ОЛТАР,** кадилен, опис, 348
покрај Јордан, сведок, 518
трајно помирување, 353
трајно посредување, 353

**ОЛТАРИ НА АВРАМА,** во сеќавање на Хананците, 128
на Валама, 444,448,449
на Јакова, 204

**ОМРАЗА,** 308

**ОПАСНОСТИ,** непрепознати, Израел сочуван од, 429

**ОПЕРА,** штетни последици од, 459

**ОПОМЕНИ ЗА КАЗНИ,** 86,92,166

**ОПРАВДУВАЊЕ СО ВЕРА,** 372

**ОПРОСНА ГОДИНА,** земјата – на првобитниот
сопственик, 533
објавена слобода, 533

**ОР,** планина, Арон умрел на, 424–427

**ОРУЖЈЕ,** на Израелците им е забрането да прават, 616

**ОСАМЕНОСТ,** не е добра за човекот, 46

**ОСЛОБОДИТЕЛИ НА ИЗРАЕЛ,** 245,251,554

**ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ЕГИПЕТ,** 252,253,259,260
извештај за, проширен низ сите народи, 319
Израел не бил приготвен за, 260
од гревот, величина, 289
песна за, 288,289

**ОСТАВИНА** на гревот, застрашувачка, 306
најдрагоцена, 142

**ОСУДА,** види: Совест

**ОТКРОВЕНИЕ,** однос кон науката, 113

**ОТКУП,** благослови, 208
исполнување, 342
лекомислено гледање, 155,368
план, 63–70
прво навестување на човекот, 65

**ОТКУПЕНИ ИМОТИ,** во Ханан, 534

OTKUPITEL, види: Потомство
ветување за Аврама, 125,154
живот доаѓа преку, 88

**ОТПАД,** види: Мрморење

**ОТПАД ПО ПОТОПОТ,** 118
во последно време, 166,167
во Ханан, 545,557
казна за отпадот, 324,325
на Јордан, 453–461
на Синај, 315–330,335
намера на сатаната кога поттикнува кон отпад, 355
пад на Луцифера, 37,331,336
цела вселена сведок за отпадот, 335

**ОФНИЕ,** син на Илија, 577

**ОФРА,** Гедеон го уништил олтарот, 547
луѓе пристапувале кон војската на Гедеона, 548

**ОЧАЈ,** види: Саул

## П

**ПАБЕРКУВАЊЕ,** оставено за сиромасите, 531

PAVLE, прави шатори, 593

**ПАД НА ЧОВЕКОТ,** 52,62
жалост на небото поради, 63

**ПАДАН-АРАН,** Јаков го напушта, 195

PALKA, **АРОНОВА,** процутела, 403
симбол на власта, 251,299,396

**ПАМЕТЕЊЕ,** како да се врежат поуките, 592
на претпотопните луѓе, 83
не можеме да се потпреме, 364

**ПАСТИРИ,** Јаков како, 190
презрени во Египет, 232
Христос вистински, 190

**ПАСТИРСКИ ЖИВОТ**, 81

PASHA, време, 537
заменета со Господова вечера, 539
кога престанала важноста, 539
не е празнувана во пустината, 406,485,613
подготовка за, 274
симболична и споменска, 277
церемонии, 539

**ПЕДЕСЕТНИЦА,** кога се празнувала, 540

**ПЕДЕСЕТТА ГОДИНА,** опросна година, 533

**ПЕЕЊЕ,** Адама и Ева, 52
ангелите на небото, 37,47,65,594
Давид и, 637,642,651,658,660,696,715,725,741,753,754
дел од верската служба, 711
Израелците и, 288,382,704,705,707
Марија и, 288,650
хармонија во, 594

**ПЕПЕЛ,** прскање, значење 267

**ПЕСНА НА АНГЕЛИТЕ,** да се научи сега, 289
на Давида, искуство објавено во, 725
избавувања, најрано познати, 288
кога повторно ќе се пее, 289

**ПЕТЕФРИЕ,** го држел Јосифа како син, 217
жената на, го обвинила Јосифа, 218
Јосиф продаден, 214

**ПЕТОК,** ден на подготовка, 296

**ПЕЧАТ БОЖЈИ,** каде се наоѓа, 307

**ПЕЧКА,** да очисти, не да уништи, 738
сè ќе се испита во, 129

**ПЕШТЕРИ,** Евреите барале прибежиште, 546
Лот морал да живее во, 167

**ПИЈАНСТВО ВО СОДОМ,** 157

**ПИТАЧИ,** не меѓу Божјиот народ, 531

**ПЛАН НА СПАСЕНИЕ,** ангелите му го откриле на човекот, 66
вселената се чуди за, 69
зошто замислен, 68,331,595
исполнување, 342
покажан на патријарсите, 137,184,330,366

**ПЛАТА,** да се даде веднаш, 532
за гревот, 61,62,67,68,70,341

**ПЛЕМИЊА,** место во логорот, 375
секое, да го освои своето наследство, 511

**ПЛЕН,** да се дели еднакво, 694
зошто Аврам одбил да земе дел, 136

**ПЛОЧИ КАМЕНИ,** ги напишал Христос, 366
дадени на Мојсеја, 314
други, 329,365
скршени, 320
ставени во ковчег, 348,365

**ПОБЕДА, БИТНО ЗА,** 554
ветување за, дадено на Адама, 65,66

**ПОБЕДИ,** најголеми, 203

**ПОБОЖНОСТ НА ИЗГЛЕД,** 103

**ПОБУДИ,** погрешно сфатени, 126

**ПОВИК НА АВРАМА,** 125,126
види: Аврам

**ПОВИСОКИ СФЕРИ** модерните Еви бараат, 59
сатаната ѝ ги претставува на Ева, 54,55

**ПОГРЕБ,** на:
Авенира, 700
Авесалома, 744
Арона, 427
Исвостеја, 701
Јакова, 237,239
Јосифа, 282,499
Мојсеја, 477
Рахела, 206
Самоила, 663
Самсона, 567
Саула и на неговите синови, 682
по потопот, 108

**ПОГРЕБИ,** во Макпела, 169,237,697

**ПОГРЕБИ,** претерување, 427

**ПОДБИВАЧИ,** во последно време, 102
кој е подрзок, 95
пред потопот, 86,87,95,97,104

**ПОЕДИНЦИ,** Бог води сметка за, 165
жртви за, во Светилиштето, 354

**ПОЕЗИЈА,** во пророчките школи, 593

**ПОЕМА,** историска, ја пишувал Мојсеј, 467,468

**ПОКАЈАНИЕ,** Бог им дал време за покајание на:
Амалиците, 300,628
Амнона, 727
Аморејците, 434
ангелите, 41
Египќаните, 272,333

Едомците, 423
Израелците, 325,327,401,614
Илија и на неговите синови, 582
Каина, 78
Луцифера, 39
претпотопните луѓе, 92
Саула, 679
Содомците, 139
Филистејците, 585
Хананците, 118,390,492
Бог секогаш прифаќа вистинско, 591,726
вистинско, дефинирано, 557,631,726
време за, Бог дава, 165,626
на поединци, 202,230,232,391,393,722,747
не е искрено, 181,391,392,631
неопходност, 202,614
прв чекор кон Бога, 590
споредено човечкото и Божјето, 630

**ПОКОЛЕНИЈА,** седум едновремено, 83

**ПОКОРНОСТ НА БОЖЈАТА ВОЛЈА,** 712

**ПОКРИВАЛО,** на Мојсеја, како симбол, 330

**ПОЛИГАМИЈА,** горки последици, 145,668
зголемена пред потопот, 91,92,338
Ламех вовел, 81
не се сметала за грев во времето на Аврама, 145

**ПОМИРУВАЊЕ,** конечно, 357,358
нема спасение без, 73
само Христос може да донесе, 63,66
церемонии, 352,355–358,533

**ПОМОР НА ДОБИТОК,** зло, 267

**ПОНИЗНОСТ,** во Божје присуство, 252
на Еноха, 85
на Израел, следи избавување, 545,558
пред чест, 553
треба да се негува, 420
Христова, восхит за вселената, 69

**ПОПУШТААТ САМИТЕ НА СЕБЕ,** нема место во Божјето дело, 549

**ПОПУШТАЊЕ НА САМИОТ СЕБЕСИ,** 48,178,360, 404,459,544,576

**ПОРАКИ КОИ ПРЕДУПРЕДУВААТ,** 86,95,102,103,166

**ПОРОЧНОСТ,** види: Распуштеност, Сензуалност спиритизмот води кон, 866

**ПОСВЕТУВАЊЕ,** на:
Самоил, 571
свештениците, 359

**ПОСЛЕДЕН ДЕН,** оган, 339

**ПОСЛЕДИЦИ,** Бог ќе се погрижи, 622

**ПОСЛЕДНИ ДЕНОВИ,** верата и истрајноста на проверка, 202
отпад, 166,167
ропство, 102
световност во црквата, 558
состојба во општеството, 101,102,166
меѓу младите, 142
спиритизам, 686

**ПОСЛОВИЦА,** Израел ќе стане, 466

**ПОСЛУШНОСТ,** благослови, 155,535,543,591
Бог бара, 360,479,631
вера покажана во, 73,279
изнудена, 34,523
опасност од одбивање, 290
пристрасна, 629,634,706
синовска, 337

**ПОСТ,** во Миспа, 590
на Мојсеја, четириесет дена, 313,329

**ПОСТАПКИ,** влијание, 158

**ПОТОП,** Божјата мудрост потврдена, 78
извештај за, 90–104
историјата ги објаснува геолошките услови, 112
отпад, по, 118,119,332
причини за, 92,99,363
сметан за неможен, 103

**ПОТПИРАЊЕ ВРЗ БОГА** сигурност, 290,493,687

**ПОТПИРАЊЕ ВРЗ СВОЈА СИЛА,** треба да се храбри, 601

**ПОТПИРАЊЕ ВРЗ СЕБЕ,** 72,717

**ПОТПОЛОШКИ,** болест, по јадењето, 382
дадени на Израел за еден ден, 295
за еден месец, 382

**ПОУКИ,** во Библијата, практични, 55,129
во жртвата на Ное, 106
од божественото провидение за:
Ахана, 496
Давида, 738
Израелците, 290,295,324,410,418,437,452,457,484,545
Исака, 154
Јосифа, 214
Мојсеја, 247

**ПОУЧУВАЊЕ,** библиска историја, 504
древни методи, 593
начин на пренесување, 593

**ПОЧИТ,** како се учи, 504
кон:
богослужението, 303
Бога, 251,252,305
Божјето име, 306,408
родителите, како е укажана, 118
пречките соборени, 688
**ПРАВЕДНИ И РАСИПАНИ,** разлика, 72,80,81,118,126,324
**ПРАВЕДНОСТ БОЖЈА,** Луцифер ја наклеветил, 37,39,40,71
одбранета пред вселената, 42,339,393
покажана во историјата на Евреите, 393,469
покажана во постапувањето со сатаната, 69,339
**ПРАВЕЦ НА ИЗРАЕЛЦИТЕ,** 374
**ПРАВО,** лично, треба да се почитува, 424
**ПРАЗНИК,** на жетвата, седмиците, види: Педесетница
Пресни лебови, 537,539
Сеници, 412,503,540,541
**ПРАЗНИЦИ,** домовите заштитени во текот на, 537,
три годишни, 311,537–542
**ПРАШУМИ,** закопани со потопот, 108
PRVENEC, Израел бил Божји, 273
Левитите наместо, 350
откуп на, 274,277,526
убиени во Египет, 273–280
**ПРВЕНСТВО,** види: Исав, Јаков, Јосиф
важност, 177
предности, 177
продадено, 182
**ПРВИНИ,** 526–539
**ПРВО ДОАЃАЊЕ,** видено во видение на:
Еноха, 85
Мојсеја, 475
**ПРВОСВЕШТЕНИК,** види: Арон
**ПРЕДАВНИЦИ,** десет извидници, 390
**ПРЕДАВСТВО,** Израелците виновни за, 324
**ПРЕДАНОСТ НА БОГА,** се бара непоколеблива, 134
силни искушенија, 49
**ПРЕЉУБА,** вршена во име на религијата, 337
духовна, 306
**ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ГЛАСИШТА,** грев, 309
**ПРЕОБРАЖЕНИЕ,** на Мојсеја, 479
**ПРЕСЕН ЛЕБ,** за Пасха, 278
празник, види: Празник
**ПРЕСТОЛ НА МИЛОСТА,** опис 348
**ПРЕТПОТОПНИТЕ ЛУЃЕ,** ја обожавале природата, 91
модерните научници послаби од, 83
нивните гревови, 90,91,99,103
остатоци од 112
прекрасни постигања, 82–84
ран развој, 83
раст, 90,112
уништени со потоп, 104
**ПРЕУВЕЛИЧУВАЊЕ,** грев, 309
**ПРИБЕЖИШТЕ,** градови, 515–517
за грешниците, 517
**ПРИГОВОРИ,** види: Мрморење на Израелците
мнозина се оддалечиле од вистината, 519
**ПРИГОВОРИ,** на браќа, 420
**ПРИЗНАВАЊЕ,** види: Ласкање
желба за, 650
**ПРИЗНАВАЊЕ,** на:
гревот во Светилиштето, 354,355
Израелците, 392,429,455,590
Мојсеја, 472
фараонот, 270
предоцна, 497
пред проштавање, 614
**ПРИЛИКИ,** како успехот зависи од, 223
**ПРИМЕР,** на:
Аврама, 128,142,147,158
Ана, 572
Евреите, 354
Еноха, 88
Израелците, 332,344
Јосифа, 332
Лота, 161
Сара, 147
**ПРИРОДА,** Божјите дела во неа, 48,49,599
ги наведува младите да го видат Бога во, 592,596,599
дејствување, објавено на Адама, 51
закони на, 52,114
малку изменета пред потопот, 90
обожаватели на, 91
под Божја контрола, 103,114,269,509
подложена на човекот, 59
резонот на претпотопните луѓе за, 96,97

сведоци за Божјата грижа за човекот, 600
сообразно со откровението, 114,115

**ПРИРОДАТА НА ЧОВЕКОТ,** расипана, 61

**ПРИСТРАСНОСТ,** последици од покажување на, 213

**ПРИФАТЛИВОСТ ПРЕД БОГА,** како се одредува, 638

**ПРОВЕРКА,** на:
Аврама, 125,128,135,145,155
Адама и Ева, 48,53,60
ангелите на небото, 37,38,40
војската на Гедеона, 549
Изрелците, 413
Илија и неговите синови, 579
Јосифа, 217,222
Каина и Авела, 71
Мојсеја, 319
Ное, 98
Саула, 627
угнетените, 129

**ПРОВИДЕНИЕ,** дела, 219

**ПРОГОНСТВО,** причина, 77
сите поднесуваат, 74,608

**ПРОКЛЕТСТВО,** Земјата извалкана со, 63
каде најтешко во текот на потопот, 108
на:
гревот, 59
Земјата станува сè потешко, 68
Ерихон, 491,492
незаконитите добивки, 497
свртување на благословите во, 112

**ПРОКОЛНУВАЊЕ,** 389,447,736
види: Богохулење
закон против, 408

**ПРОПОВЕДНИЦИ,** како потпастири, 191
немирни деца, 579
озборување, 386
почит кон, 308
пример, 580
реформа неопходна, 143

**ПРОПОВЕДНИШТВО,** одговорност, пресметка, 192

PROROCI, Енох, 85
Марија и Арон, 382
Мојсеј поголем од, 396
Самоил, 581,582,589
Саул, 610,654
седумдесет старешини, 381
служба – Валам, 439
Христос зборувал преку 366
школи, 592–602

**ПРОРОШТВА,** откровенија од Бога, 592
противење за проучување на, 113

**ПРОТИВНИК,** сатаната, 40

**ПРОТИВНИЧКА СИЛА,** зошто Бог се служи со, 393

PROTIVRE^NOSTI, сатаната автор на, 55

PRO[TAVAWE, Божје, 754
под новиот завет, 372

**ПСАЛМИ,** се пеат додека одат на празникот Пасха, 538
сите христијански искуства во, 754

**ПУСТИНА,** Израелците во, 406–410

## Р

**РАВА,** ги скрила извидниците, 483
поштедена при разурнувањето на Ерихон, 491

**РАБОТА,** благослов, 50,60,593
заштита од искушенија, 50
шест дена, 307

**РАБОТИ,** договарање во сабота, 296,307
прекинати за време на помирувањето, 355
чесност, 309

**РАБОТНИЦИ ЗА БОГА,** обука, 130,248,255

**РАБОТНИЦИ, ПЛАТЕНИ ВЕДНАШ,** 532

**РАДОСТ,** види: Среќа

**РАДУВАЊЕ,** на празникот Сеници, 540

**РАЗВОЈ,** претставен како човечка потреба, 73

**РАЗГОВОРИ,** расипани во Содом, 168
употреба на Божјето име, 306

**РАМА,** пророчка школа, 593
родно место на Самоил, 572,608,653

**РАМНОПРАВНОСТ МЕЃУ МАЖОТ И ЖЕНАТА,** зошто не се одржала, 58
општествена, 295,534,535
при создавањето, 46,58

**РАСА,** причини за дегенерација, 68,461

**РАСИ,** историјата за три големи, преткажана, 117

**РАСИПАНОСТ,** се зголемува пред крајот, 103

**РАСПАЃАЊЕ,** последица на гревот, 62

**РАСПУШТЕНОСТ,**
217,308,317,338,364,457
последици, 458
последните денови, 101,166
примери:
Авесалом, 739
Амнон, 727
Давид, 718
Израел, 317,451,454–461,545
Рувим, 206
Самсон, 565
синовите на Илија, 576
содомците, 156,157,159
ќерката на Јакова, 167
ќерките на Лот, 167
Хам, 117

**РАСТ,** на човекот пред потопот, 90

**РАХЕЛА,** длабока љубов кон, 189,206
Јаков и, средба при кладенец, 188
смрт, 206

**РАЧНА РАБОТА,** за младите, 593,601

**РЕВЕКА,** жена на Исака, 173
измама, 180
Јаков веќе не ја видел, 237
карактер, 172

**РЕД,** на небото и на земјата, 376

**РЕЛИГИЈА,** вистинска, дефинирана, 600
да им се пренесе на другите, 134
како се уништува довербата во, 580
љубовта е темел на, 523
поединечно дело, 590
потпирање врз форми, 622,634
убиства и прељуби под име на, 337

**РЕЛИГИИ,** лажни, темели, 73

**РЕФОРМАТОРИ,** секогаш погрешно сфатени, 404

**РЕЧ БОЖЈА,** види: Библија, Христос
ставена во срцето, 460

**РОДИТЕЛИ,** авторитет, 176,337
како се постапувало меѓу незнабошците, 337
одговорност, 176,244,308,579

**РОМАНИ,** злосторства детално опишани, 459

**РОПСТВО,** на:
Египќаните, 241
Израелците, 242,259,310,406
потомците на Ханан, 117,118

**РУВИМ,** го проиграл првенството, 206,234,235
прима благослови од Јакова, 235

**РУВИМ,** племе, мудро одговарааат на обвинувањата, 519,520
наследство, од другата страна на Јордан, 517

**РУНО,** Гедеон врши проверка со, 548

## С

**САБОТА,** битна за човекот, 48
знак на верност, 307
Израел ја прекршувал во Египет, 258
ја почитувале верните синови на Адама, 80,336
ја празнувале нашите прародители, 48,80,81
како да се празнува, 296,307,314,409
кога е воспоставена, 47,48,111,296,307,336
напорите да се обнови, предизвикале прогонство, 258
непријателство на сатаната кон, 113,336
отфрлање во последните денови, 477
печат Божји, 307
света обврска, 311,313
спомен на создавањето, 48,307,336
споредена со десетокот, 525

**САБОТНА ГОДИНА,** благослови, 532
цел, 531

**САДОК,** верен на Давида, 749

SALIM, види: Ерусалим

SAMOIL, благосостојба на Израел за време на, 603
болка поради отфрлањето на Саула, 630
влијание, 663
говор при крунисувањето на Саула, 613–615
задача како пророк, 581
зошто му е дадена порака за Илија, 582
насока прифатена во народот, 614,663
помазание на Давида, тајно, 641
претседател на светите школи, 593,663
признат кај целиот народ, 589
прогласен за судија во Израел, 590
раѓање, 570
сатаната глуми, 679,683
синови, 604
смрт, 663
чудо на негов збор, 615

**САМОКОНТРОЛА,** 60,360,417,421,600
големината се мери според, 568

**САМООПРАВДУВАЊЕ,** 58,625,631

SAMOOTKA@UVAWE, 158,582

SAMOSVEST, најлош тиран, 676
опасност од потпирање врз, 431,717

**САМОУВЕРЕНОСТ,** 208,459,493,717,746

SAMOUVERENOST, на:
Каина, 71
Кореја, 395,403,
Луцифера, 34–42
Саула, 624
старешините, 420
последици, 123,324,404,421,596,717

**САМСОН,** живот, 560–568
Израелците не го поддржале, 564
поуки за мајката, 560

**САРА,** пример за жените, 138

SARAJ, дом на Самсона, 560,562,563

SARAJA, име променето во Сара, 138

SATANA, види: Луцифер
бунт, 39,41,42,341,478,635
измамно дејствување, 37,41,338,635,718
јарец за Азазела, 358
натеран да остане во потопот, 99
озборувач, обвинувач 41,155,201,689
план за рушење на Божјиот закон, 37,42,335
предавник, 478
препирка околу телото на Мојсеја, 478
проверка, 39–41
радост поради падот на човекот, 57,65
сила, правилно да предвиди, 687
стапици на, 37,40,53,440,635,720
ќе биде уништен, 65,479

**САУЛ,** го прогонува Давида, 651,654–662,668,671–674
Давид пишува посмртна песна за, 696
докази за преобратување, 610,613
дрскост, 616–626,635
живот, 603–682
зошто Бог го отфрлил, 726
меѓу пророците, 610,654
од племето на Венијамина, 608,611,612
отфрлен како владетел, 621,627–636,643
очај, 650,688
помазание, 610
посета на вражарка во Ендор, 676
проверка, завршена, 629,675,676,681
самоубиство, 682
силата на раните навики, 622

**СВЕДОК,** еден недоволен за осуда, 516

**СВЕДОЦИ ЗА БОГА,** во сите времиња, 84,125
да одат во сите места, 134,

**СВЕТ,** историјата откриена на:
Адама, 67
Еноха, 85
Мојсеја, 475,476
пријателство со, 559

**СВЕТИ ДУХ,** Божји претставник за луѓето, 405
владее со луѓето, 421
влијание, 460,657
грев против, 405,580,584,635,676
опасно е да му се противиме, 269
повлечен од Земјата, 201
учениците учат како да го разберат, 594

**СВЕТИ ЛУЃЕ,** непрекината линија од создавањето, 67,84,92,117,118,125,259,332,338,545,560,581

**СВЕТИЛИШТЕ,** големина, 347
дарови за, 344,529
како е издржувано, 526
кога никакви жртви не се принесувани во, 577,609
посветување, 359,374
поставено во Силом во Ханан, 514
преселено во Ерусалим, 514
ред при преселувањето, 375,376
служба во, 352–358
упатства за градење, 313,348–349,356
чистота, 350,375

**СВЕТИЛИШТЕ,** види: Храм
греовите пренесени во, со крв, 354
Јован го видел во видение, 356,357
кога Христос го почнал делото во, 357
на небото, Христос свештеник, 356
служби, откровение од Бога, 592
чистење, 355

**СВЕТО И ОБИЧНО,** 359,360,362

**СВЕТОВИ,** владеење, 41
ги посматраат настаните на Земјата, 69,154
сите вклучени во планот на сатаната, 41

**СВЕТОВНИ ПРЕДИМСТВА**,
благосостојба,
потомците на Каина, 81
христијаните бараат, 607

**СВЕТОВНОСТ,** во последно време, 557,558
опасност, 169

**СВЕЌНИК,** златен, опис, 348

**СВЕШТЕНСТВО,** Мојсеј го изучил во Египет, 245
ограничено на семејството на Арона, 350
пренесено од првенците врз Левитите, 350

**СВЕШТЕНИЦИ,** во Израел, облека, 350
воспитувањето доверено на, 245,332,333
да бараат совет од Бога во Светилиштето, 374
луѓето привлечени да се дружат со, 530
синовите на Илија, 576,577
церемонија при посветувањето, 359

**СЕДМИЦА,** буквална, 111–116
потекло, 111

**СЕКТИ,** причина за збунетост, 124

**СЕМЕ,** Ева, 58
Енох, 84
Исак, 146,177
Јаков, 178,184
Јуда, Давид, 236
Ное, Сим, 117
Сит, 80
предци на ветеното, Аврамово, 125

**СЕМЕЈСТВА,** Бог води сметка за, 165

**СЕМЕЈСТВО,** богослужение, потреба за, 144,354
влијание од лошо организирано, 579
живот, влијание, 141–144
занемарување, 143
заштита, 599

**СЕНАР,** беззакониците се преселиле во 118

**СЕНЗУАЛНОСТ,** 378,457
види: Распуштеност

**СЕФОРА,** брак, 247,383
зошто не била со Мојсеја во Египет, 384
и синовите му се придружуваат на Мојсеја кај Синај, 300
карактер, 383
лице, 383
Марија ѝ љубомори, 383
совет даден на Мојсеја, 384

**СИГОР,** поштеден поради Лота, 161
спален, 167

**СИДОНЦИ,** не се истерани, 511

**СИКЛАГ,** даден на Давида, 673
пленот вратен, 693
спален, 692

**СИЛА,** не смее да управува со свеста,
види: Слободно морално суштество

**СИЛНИ ЛУЃЕ,** 509

**СИЛОМ,** шатор за состанок, 524,569

**СИМ,** благослови, 117,118

**СИМБОЛИ НА ХРИСТА,** Арон, 426
градови за прибежиште, 516
жртви, 71
змија од бронза, 430
јагне, 63,277
Јосиф, 239,369
крв и темјан, 353
лебови поставени, 354
мана, 297,354
овен, 154
пастир, 190
Пасха, 277
служби во Светилиштето, 330,365,373
удрена карпа, 411,413,418

**СИМЕЈ,** го проколнува Давида, 736

**СИМЕОН И ЛЕВИЕ,** затвореници во Египет, 226,228
зачетници на суровоста кон Јосифа, 226,235
пророштво за, 235,236
суровост, 204,210,235
територија во Ханан, 236

**СИНАЈ,** грмушка што гори, 251
закон изговорен од, 304,340,364

**СИНОВИ БОЖЈИ,** како може човек да стане, 64,66

**СИОН,** владетел на Аморејците, 433,434,437,483

**СИРОМАСИ,** Божја грижа за, 530–536
обилна грижа за, 526
права, во светот, 534,535
угнетување, 102

**СИРОМАШТВО,** десеткувањето не предизвикува, 527
зошто е дозволено, 530,535
страв од, 293

**СИРЦИ,** им даваат данок на Евреите, 715

**СИСАРА,** угнетувач на Израел, 545

**СИСТЕМ И РЕД,** богослуженија,
Гедеон се обидел
да најде, 556
неопходни за Божјето дело, 376

**СИСТЕМ НА ЖРТВИ,** изопачен, 364
предаден на Адама, 66,370
Христос во центарот на, 366

**СИТ,** живот, 80–84

**СИТИМ,** долина, 453,456,483
дрво, види: Багрем

**СИТИМ,** види: Содом

**СИТНИЦИ ВО ЖИВОТОТ,** големина, 574

**СИТОВИ ПОТОМЦИ,** Енох
проповедал, 86
колку расипани, 457

**СИХЕМ,** Аврам се задржува во 127
браќата на Јосифа во, 210
предавство на Симеон и Левие,
204,210,235
собор кај, 499,522

**СКАКУЛЦИ,** зло, 270

**СКЕПТИЦИ,** нема изговор, 420,738

**СКЕПТИЦИЗАМ,** збунет со погледот
на Едем, 84

**СКЛАД, ХАРМОНИЈА,** во:
вселената, 35,39
незадоволството, 398
семејството, како да се сочува, 58
создавањето, како да се влијае на, 52
уништен со полигамија, 145

**СКЛОНОСТИТЕ НЕ СЕ ВОДИЧ,** 441
види: Нагон

**СЛАВА БОЖЈА** на Синај,
304,309,312,339
поглед од Светилиштето, 353
покажана на Мојсеја, 328

**СЛЕПИЛО,** духовно, 392,405,442,
444,635

**СЛИКИ,** човекот го доловува Бога со,
види: Адам; Идоли

**СЛОБОДА,** на непослушните, 41,55,178
погрешно наречена, 178
сатаната ја изопачил, 35

**СЛОБОДНО МОРАЛНО СУШТЕСТВО,** 34,36,48,49,72,
331,384,523

**СЛУГИ,** закони за, 310
постапување со, 142,532

**СЛУЖБА,** како Бог ги приготвува
луѓето за, 622
љубовта единствено прифатлива за, 34,42
на Израелците во храмот, 751

**СЛУЖБЕНИЦИ,** во еврејскиот логор, 374

**СМОКВИ ХАНАНСКИ,** 387,417

**СМРТ,** жалост на Адама, во почетокот, 68

**СОБИРАЊЕ,** види: Празник Сеници

**СОБОРИ,** годишни, целта, 540

**СОВЕСТ,** опасност од брзо смирување
на, 269

**СОВЕТ НА МИР ЗА ЛУЃЕТО,** 63

**СОВЕТ НА НЕБОТО,** 36

**СОВЕТНИЦИ,** на Мојсеја, 301
на фараонот, 271,280

**СОДОМ,** ја постигнал границата на
Божјето трпение, 159
поуки за нас, 162,165
странците несигурни во, 158
уништување, 162

**СОЗДАВАЊЕ,** извештај за, 44–51
како се одржува, 115
љубовта изразена во, 33
научни теории за, 111,113
под контрола на Творецот, 509
потполно, затоа во болка, 443
совршенство во, 574
хармонијата зависи од послушноста, 52
цел, 67,342

**СОЈУЗ МЕЃУ АВРАМА И АМОРЕЈЦИТЕ,** 134

**СОКОТ,** Израелците во, 282

**СОЛОМОН,** заговор против, 749
избран да гради храм, 712,750
прогласен за владетел, 749
проштална задача на Давида, 753

**СОМНЕВАЊЕ,** 404,519
ги напаѓа сите луѓе, 437
секогаш ќе има причина за, 432

**СОН,** на:
Јакова, 183,184
мадијански војник, 550
фараонот, 220

**СОНИШТА,** исполнети, 224,228
кој може да ги толкува, 220
на Јосифа, 209,210
на собарот и пехарникот, 219

**СОНЦЕТО,** го обожавале Египќаните, 272
застанало на заповед на Исуса
Навина, 508

**СОНЧЕВА СВЕТЛИНА,** во домот, 176
**СОРАБОТНИЦИ, БОЖЈИ,** 34,299,528,713
**СОЧУВСТВО,** лажно, 361
**СПАСЕНИЕ,** план, види: Откуп
потпирање врз себе, 73
**СПАСИТЕЛ,** човекова потреба за, 363,371
SPIRITIZAM, изјави, 688
ист како и некогашните вражања, 684–686
не е само дрскост, 685
распуштеност во, 688
учители, 686
**СПОМЕНИК НА ЕВАЛ,** законот напишан на, 500
**СПОМЕНИЦИ,** Вавилон 123
Ветил, 187,206
Евен–Езер, 591
Јордан, 484,613
Миспа, 194
Пасха, 274
Сихем, 524
Сабота, 307
**СРЕБРО,** количество пред потопот, 90
**СРЕЌА,** зависи од послушноста, 34,49
**СРЦЕ,** стврднато, 78,260,263–268,404,405,558
**СТАНОВИ,** во Васан, 435
на беззакониците, во рамнини, 118
на праведниците, на гора, 118
на претпотопните луѓе, 90
**СТАР ЗАВЕТ,** не е укинат, 365,366
Христос зборува преку, 367
**СТАРЕШИНИ,** Мојсеј им дал задача, 381
Мојсеј пратен со порака, 253,257
мисијата на Мојсеја откриена, 245
на Јуда, Давид им пратил подароци, 694
повикани да дојдат на горите со Мојсеја, 312
седумдесет, му помагале на Мојсеја, 380
**СТЕФАН,** слава на лицето, 329
**СТОЛБ ОД ОГАН,** ги водел Израелците, 282,284,287,406
заштита, 302
не по Синај, 327,328
свежина и влага, 282
Христос во, 311,316,366
**СТОПАНСТВО,** како занимање, 50,81,593
**СТОРИИ,** за:
вдовица со два сина, 728
јагне на сиромав човек, 721
**СТРАДАЊА,** победа над, 736
поуки, 129,218
**СТРАНЦИ,** во Израел, заштита, 311
да се нагостат, 138,158
однесување кон, 507
**СТРАСТИ,** види: Распуштеност
**СТРЕМЕЖ КОН УЖИВАЊА,** светот окупиран
со, 103,158
**СТРПЛИВОСТ,** Божја, срцата стврднати, 582
ги преминуваат границите, 118,159,162
дрски поради, 360,361
кон човекот, 588,754
**СТРПЛИВОСТ,** на Мојсеја, 251,297,384,396,479
недостиг од, 291,420
**СТРШЛЕНИ,** ветени да ги истераат Хананците, 437,543
**СУД,** Бог ги отфрла грешните на, 557
Божјиот народ сочуван, 341
опис, 339,340
признавање на, 498
што ќе осуди на, 55
**СУДЕЊЕ НА ДРУГИТЕ,** зло, 385,386
**СУДИИ,** во првиот период, 543–559
себепоставени, 625
**СУДИР,** види: Непријателство, Луцифер
меѓу Христа и сатаната, 36,69,70,73,78,154
**СУПРЕМАТИЈА,** луѓето се стремат кон, 403,404
Христова, 34,36,479
**СУША,** во времето на Агеја, 527
во Египет, 224,
во Ханан, 128,224

## Т

**ТАИНСТВЕНА СКАЛА,** од сонот на Јакова 184
**ТАЈНА НА БОЖЕСТВОТО,** стремеж кон запознавање, 55,113,139,687
TAJNA, на Кореја, 398
на Луцифера, 37

**ТАЈНА НА СПАСЕНИЕТО,** 69
Луцифер ја употребува за да измами, 37,41
тајни гревови – Бог ги знае, 217
**ТАМНАТ-САРА,** доделена на Исуса Навина, 515
**ТАНЦУВАЊЕ,** 460,707
**ТАРА,** татко на Аврама, 127
тврдоглавост, 264,268,631,635,676
**ТАТКО,** авторитет, 141,337,577,578
TEATAR, последици од посета на, 459
TELE, го обожавале Израелците, 317,325,335
египетско божество, 316
**ТЕЛО,** последици од труење, 362
TEMJAN, 354
молитвите се издигнуваат со, 353
симбол на Христа, 353
**ТЕМНИЦА,** браќата на Јосифа во, 225
Јосиф во, 218
**ТЕМПЕРАТУРА,** промена по потопот, 61
TEOKRATIJA, систем на владеење во Израел, 603
TESNOGRADOST, при држењето на заповедите, 55
TESTAMENT види: Завет
TIMOTEJ, обука, 592
**ТИТ,** 467
**ТРГОВИЈА ВО ЈОРДАНСКАТА ДОЛИНА,** 156
**ТРЕВОГА,** причини во верскиот свет, 166
**ТРПЕЗА СО ПОСТАВЕНИ ЛЕБОВИ,** опис, 348
**ТРУБА,** 304,339,376,377,488,550,554,706
**ТРУДОЉУБИВОСТ,** награда на Јосифа, 214
**ТУЖИТЕЛ,** проверка на карактерот, 188,189
**ТУЛИ,** без плева, 258
градежен материјал во Египет, 258
Израелците правеле, 242

## У

**УБЕДЕН, НО НЕ И ПРЕОБРАТЕН,** 100,393,587
**УБИСТВО,** како се прави, 308
**УБИЕЦ,** градови за прибежиште, 515
кога нема откуп, 516
**УГЛЕД,** заштити го 578
на родителите, децата да го чуваат, 308
**УГНЕТЕНИ,** Христос ги сожалува, 535
**УГНЕТУВАЊЕ,** сигурна казна, 268
**УЖИВАЊЕ,** каде да се најде, 50
U@IVAWA, во последните денови, 558
како да се испробаат, 707
меѓу претпотопните луѓе, 103
сатаната наведува на грев со помош на, 458
склоност кон многу омилени, 459
**УЗА,** дрскост, 705
поука од смртта на, 705,706
**УКОР,** на Давида, 720
надеж во, 726
на Саула, 621,627,630
**УКРАСИ,** дадени за Светилиштето, 344
Израел треба да ги отфрли, 327
**УМ,** закон, 91,222,459,596
и телото, меѓусебен однос, 562,601
како се засилува, 599–601
како слабее, 91,545
контрола, 460
способноста на, треба да се зголеми, 51
**УМЕРЕНОСТ,** начела на вистинската, 561,562
поука, 361,362
**УМЕТНОСТ,** во Содом, 156
поплава од светлина, 113
**УМРЕНИ,** Енох загрижен поради, 85
како се закопани по потопот, 108
обожавање, 684, 685
суд, 357
**УПРАВИТЕЛИ НА ИЗРАЕЛ,** 374
**УПРАВИТЕЛИ ВО ЕГИПЕТ,** 258,272
**УРИЈА,** Давид ја предизвикал неговата смрт, 719
**УРИМ И ТУМИМ,** 351,683
USLU@NOST, во домот, 176
услужни:
Авигеја, 666
Аврам, 132,138
Давид, 713,714
заблудените, 520

Лот, 158
Ревека, 172

**УСПЕХ,** искушенија во, 222
не зависи од бројот, 550
тајна, 214,223,509

**УТВРДЕНИ ГРАДОВИ,** Израел понуден да живее во, 546

**УЧЕБНИК ЗА ВСЕЛЕНАТА,** нашиот свет, 154

## Ф

**ФАЗГА,** Мојсеј умира на, 471,477

FALSIFIKATI, зошто сатаната се служи со, 264,334,683

FANATIZAM, на Израелците, 370
Ное обвинет за, 96

**ФАРАОН,** воспитани да бидат сурови, 333
ги прогонува Израелците, 283
задача на Мојсеја, 252,253,257
Јаков го благословил, 233
љубезен кон Аврама, 130
му се противставил на Бога, 257,260,333
победен кај Црвено Море, 287
противење, не од незнаење, 333
соништа на, Јосиф ги протолкувал, 219
срцето, како му се стврднало, 268

**ФИГУРИ,** реторички, употребува Валам, 450

FILISTEJCI, во срцето на Ханан, 616
ги нападнале Израелците за време на жртвата
паленица, 590
го зеле ковчегот, 583
казнети, 585,586
не се истерани, 511
Самсон почнал да го ослободува Израел, 560,567
Самсон се дружи со нив, 562–568
сеќавање на злата во Египет, 369
слабости на Израел, покажани, 672
уништени со луња, 591

**ФИЛОЗОФИЈА,** нема спасение во, 432
погрешно резонирање, 103,104

**ФИНЕС,** го убива Зимрија, 455
син на Елеазара, свештенството потврдено, 456

**ФИНЕС,** син на Илија, 577,580
смрт на неговата жена, 585

**ФОРМАЛИЗАМ МЕЃУ ХРИСТИЈАНИТЕ,** 166,317,584

## Х

**ХАЛЕВ,** вера, 512
ветување за наследство, 391,511
Навал, негов потомок, 664

**ХАЛЕВ И ИСУС НАВИН,** добри извештаи, 388
мноштво се обидело да ги каменува, 390
награда, 391,456

**ХАМ,** неприродно однесување, 117

HANAN, Аврам дошол во, 127
дом на Ревека, 172
преобраќања во, 127,

**ХАНАН,** да му служи на Сим, 117
наследство, 117
потомство, 118

**ХАНАН, ЗЕМЈА,** 128,133,387,465,472
Аврам доаѓа во, 127
глад во, 128,224
единаесет дена патување до Синај, 376
Ерихон, првина од, 491
Израелците влегуваат во, 486
Јаков се враќа во, 192,204–212
јужен, го зазел Исус Навин, 510
небесен, ветување исполнето во,169
поделен меѓу племињата, 510–520
северните во сојуз против Израел, 510

**ХАНАНЦИ,** зошто уништени, 390,492
Израел во сојуз со, 543,544
карактер, 492
кога ќе бидат истерани, 118,232,543
не се целосно истерани, 511,521,543
предности, над Израелците, 487
состојба предизвикана од лоши духови, 688

**ХАРФА,** 637,642–644,660

HEVRON, Авесалом прогласен за владетел, 731
Аврам доаѓа во, 133,511
Давид доаѓа во, 697
доделен на Халева, 511
Енакими, нивни дом, 511
Јаков го среќава татка си, 207,511
опис, 697
Рахела умира, 206

**ХЕМОРОИДИ,** вратени со ковчегот, 587
**ХЕТ,** Исав се жени со ќерките на, 179
**ХИГИЕНА,** во логорот на Израел, 375
**ХИМНИ НА ЛЕВИТИТЕ,** 115,406
**ХИРАМ,** Давидов сојуз со, 703
пратил резерви во куќата на Давида, 703
**ХОРИВ,** види: Синај
грмушка која гори, 251,488
карпа удрена, 298,411
**ХРАБРОСТ,** види: Давид, Исус Навин, Самсон,
**ХРАМ,** во Ерусалим, Давид собира материјал за, 737,751,752
Давид нема да гради, 711,712
на небото, Бог престојува во, 357
посебно место за, 749
Соломон да гради, 712,751
тело, 362
**ХРАНА,** за човекот, првобитна, 378
стимулативна, 562
чиста и нечиста, 562
**ХРИСТОВО ДОАЃАЊЕ,** види: Второ доаѓање
**ХРИСТОС,** ангели му служат, 65
Божје орудие при создавањето, 34,36
видело на светот, 367
види: Симболи
во Стариот завет, 367
водач на Израел, 311,396,419
воспитување, 592
второ доаѓање, 339–342
ги носи на срцето имињата на следбениците, 351
го изговорил Законот на Синај, 366
го открива Божјиот карактер, 469
го посматраат другите светови, 69
градови на прибежиште, 516
докажува дека Законот е непроменлив, 366
Евреите го отфрлаат, но го прифаќаат Законот, 476
единствен Откупител на човекот, 63,66
едно со Бога, 34,37,520
жива вода, 413
жртви, 63,68
задолжен за сите светови, 69
заслуги на крвта, 277,357
зборувал преку пророците, 366
змија, 431
јагне Божје, 63
Јосиф, 239
Луцифер завидува, 35,38
Мојсеј, 426,480
молби, 34
на земјата, 637
небото ги бележи навредите нанесени на, 69
неговиот лик, премногу доцна да се прими, 269
овен, 154
Пасха, негов симбол, 277,539
посредување, 184,326,343,357,366
претставен, Адам, 67
свештениците и старешините му завидуваат, 239
сега во светињата над светињите, 353
сиромаси, 535
слава на лицето, 340
смртта, доказ за Божјата љубов, 69,469
со даровите покажуваме вера во, 71
според Божја лика, 34,36
страдањата и смртта преткажани, 64
христијаните го прифаќаат, но го отфрлаат
неговиот Закон, 477
чудата што ги правел, 265
што ќе се исполни преку него, 358
**ХРИСТОС И САТАНАТА,** види: Борба
непријателство, 65,77
**ХРИСТИЈАНСКИ ДОМОВИ,** види: Праведност
влијание, 144
да имаме исто искуство како Христос, 278
да имаме сочувство, 541
под исти ограничувања како и Евреите, 458
**ХУСАЈ,** верен на Давида, 735,741
совет, Авесалом го прифатил, 740

## Ц

**ЦВЕЌЕ,** во Едем, 47,62
CEREMONII, само извршувани, 354
**ЦЕРЕМОНИЈАЛЕН ЗАКОН,** види: Закон церемонијален
**ЦИСТЕРНИ,** вода претворена во крв, 265
**ЦРВЕНО МОРЕ,** Израелците преминуваат низ, 287,290,492
CRKVA, Арони и Ахани, 317,497
како гревот на еден верник влијае врз, 497
како сатаната планира да ја уништи,

675
најголеми победи, како се извојувани, 203
причини за слабостите во, 404,497

**ЦРКВИ,** неверност во, 166
состојба, во последно време, 124
средства за собирање на средства, 529

**ЦРКОВНА ГРАДБА,** не треба да се оптоварува
со долгови, 344
однесување во неа, 252,303
почит кон службите, 303

## Ч

**ЧАША НА БЕЗЗАКОНИЕТО,** види: Милост

**ЧЕСНОСТ,** човечка, сега неопходна, 574

**ЧЕСТ,** Божја, треба да биде одбранета, 393
световна, опасност, 746

**ЧИРЕВИ,** зла, 267

**ЧИСТОТА ВО ЛОГОРОТ НА ИЗРАЕЛЦИТЕ,** 304,375

^OVEK, деградација, преткажана, 67,68
како Бог соопраќа со, 67,268,470
круна на создавањето, 44,52,595
малку помал од ангел, 60
не се издигнува повисоко од своите идеали, 91
понижен со еден грев, 53

**ЧОВЕШТВОТО,** не може само да се обнови, 73
сатаната се заветувал да го уништи, 52

**ЧУДА,** облик, 316
пред фараонот, 263–280
се обидел да најде објаснение, 264–266

## Ш

**ШАТОР,** изработка, како занимање, 593
како престојувалиште, 81,128,175,213
употребувани за време на празниците во Ерусалим 539

**ШЕКИНА,** 349,584

**ШИПКА,** 387,417

**ШКОЛИ,** како се покажува Божјиот дух во 594
модерни 594
пророчки 592,602
физички вежби 601

**ШКОЛИ ВО ДОМОТ,** 141–144

**ШПЕКУЛАЦИИ,** верувања засновани на 124
кога невини 113

**ШПИОНИ,** браќата на Јосифа обвинети како 225

# СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР ..... 5

*1.* **ЗОШТО БИЛО ДОЗВОЛЕНО ДА СЕ ПОЈАВИ ГРЕВ?** ..... 8

*2.* **СОЗДАВАЊЕТО** ..... 18

*3.* **ИСКУШЕНИЕ И ПАД** ..... 26

*4.* **ПЛАН ЗА ОТКУП** ..... 37

*5.* **ИСКУШЕНИЕТО НА КАИНА И АВЕЛА** ..... 45

*6.* **СИТ И ЕНОХ** ..... 52

*7.* **ПОТОП** ..... 62

*8.* **ПО ПОТОПОТ** ..... 75

*9.* **БУКВАЛНА СЕДМИЦА** ..... 81

*10.* **ВАВИЛОНСКАТА КУЛА** ..... 87

*11.* **ГОСПОД ГО ПОВИКУВА АВРАМА** ..... 93

*12.* **АВРАМ ВО ХАНАН** ..... 100

*13.* **ПРОВЕРКА НА ВЕРАТА** ..... 113

*14.* **УНИШТУВАЊЕТО НА СОДОМ** ..... 122

*15.* **СВАДБАТА НА ИСАКА** ..... 135

*16.* **ЈАКОВ И ИСАВ** ..... 141

*17.* **БЕГСТВОТО НА ЈАКОВА И НЕГОВОТО ИЗГНАНСТВО** ..... 147

*18.* **НОЌ ПОМИНАТА ВО БОРБА** ..... 156

*19.* **ЈАКОВ СЕ ВРАЌА ВО ХАНАН** ..... 163

*20.* **ЈОСИФ ВО ЕГИПЕТ** ..... 172

*21.* **ЈОСИФ И НЕГОВИТЕ БРАЌА** ..... 181

*22.* **МОЈСЕЈ** ..... 197

*23.* **ЕГИПЕТСКИТЕ ЗЛА** ..... 210

*24.* **ПРАЗНИКОТ ПАСХА** ..... 224

*25.* **ИЗЛЕГУВАЊЕТО ОД ЕГИПЕТ** ..... 230

*26.* **ОД ЦРВЕНОТО МОРЕ ДО СИНАЈ** ..... 238

*27.* **ИЗРАЕЛ ДОБИВА ЗАКОН** ..... 249

*28.* **ИДОЛОПОКЛОНСТВОТО НА СИНАЈ** ..... 262

*29.* **НЕПРИЈАТЕЛСТВОТО НА САТАНАТА КОН ЗАКОНОТ** ..... 275

*30.* **СВЕТИЛИШТЕТО И СЛУЖБИТЕ ШТО СЕ ОДРЖУВАЛЕ ВО НЕГО** ..... 287

*31.* **ГРЕВОТ НА НАДАВА И АВИЈУДА** ..... 301

*32.* **ЗАКОНИТЕ И ЗАВЕТИТЕ** ..... 305

*33.* **ОД СИНАЈ ДО КАДЕС** ..... 316

*34.* **ДВАНАЕСЕТТЕ ИЗВИДНИЦИ** ..... 328

*35.* **БУНТОТ НА КОРЕЈ** ..... 336

*36.* **ВО ПУСТИНАТА** ..... 346

*37.* **ВОДА ОД КАРПА** ........ 351
*38.* **ПАТУВАЊЕТО ОКОЛУ ЕДОМ** ........ 360
*39.* **ОСВОЈУВАЊЕТО НА ВАСАН** ........ 370
*40.* **ВАЛАМ** ........ 375
*41.* **ОТПАД НА РЕКАТА ЈОРДАН** ........ 387
*42.* **ПОВТОРУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ** ........ 395
*43.* **СМРТТА НА МОЈСЕЈА** ........ 401
*44.* **ПРЕМИН НИЗ РЕКАТА ЈОРДАН** ........ 410
*45.* **ПАДОТ НА ЕРИХОН** ........ 415
*46.* **БЛАГОСЛОВ И ПРОКЛЕТСТВО** ........ 425
*47.* **СОЈУЗ СО ГАВАОНЦИТЕ** ........ 429
*48.* **ПОДЕЛБА НА ХАНАН** ........ 434
*49.* **ПОСЛЕДНИТЕ ЗБОРОВИ НА ИСУС НАВИН** ........ 445
*50.* **ДЕСЕТОЦИ И ПРИНОСИ** ........ 449
*51.* **БОЖЈА ГРИЖА ЗА СИРОМАСИТЕ** ........ 454
*52.* **ГОДИШНИ ПРАЗНИЦИ** ........ 460
*53.* **ПРВИТЕ СУДИИ** ........ 466
*54.* **САМСОН** ........ 480
*55.* **ДЕТЕТО САМОИЛ** ........ 489
*56.* **ИЛИЈА И НЕГОВИТЕ СИНОВИ** ........ 495
*57.* **ФИЛИСТЕЈЦИТЕ ГО ЗАРОБУВААТ КОВЧЕГОТ НА ЗАВЕТОТ** ........ 501
*58.* **ПРОРОЧКИ ШКОЛИ** ........ 511
*59.* **ПРВИОТ ИЗРАЕЛСКИ ЦАР** ........ 535
*60.* **ДРСКОСТА НА САУЛА** ........ 531
*61.* **САУЛ ОТФРЛЕН** ........ 539
*62.* **ДАВИД ПОМАЗАН ЗА ЦАР** ........ 548
*63.* **ДАВИД И ГОЛИЈАТ** ........ 552
*64.* **ДАВИД КАКО БЕГАЛЕЦ** ........ 557
*65.* **ВЕЛИКОДУШНОСТА НА ДАВИДА** ........ 567
*66.* **СМРТТА НА САУЛА** ........ 579
*67.* **ВРАЖАЊЕТО ОД ДРЕВНИНА ДО ДЕНЕСКА** ........ 585
*68.* **ДАВИД ВО СИКЛАГ** ........ 591
*69.* **ДАВИД ПОВИКАН ДА ГО ЗАЗЕМЕ ПРЕСТОЛОТ** ........ 598
*70.* **ВЛАДЕЕЊЕТО НА ДАВИДА** ........ 603
*71.* **ГРЕВОТ НА ДАВИДА И НЕГОВОТО ПОКАЈАНИЕ** ........ 615
*72.* **БУНТОТ НА АВЕСАЛОМА** ........ 625
*73.* **ПОСЛЕДНИТЕ ГОДИНИ НА ДАВИДА** ........ 642
ДОДАТОК ........ 651
ПОПИС НА БИБЛИСКИТЕ СТИХОВИ ........ 659
ИНДЕКС ........ 668